11 драми
од
Вилијам Шекспир

Превод од англиски,
предговори и белешки
Драги Михајловски

Каприкорнус,
Скопје, 2003

11 Драми
од Вилијам Шекспир

Дигиталните верзии на овие книги се објавени според условите на лиценцата на **Криејтив комонс Наведи извор-Некомерцијално-Без адаптирани дела. 2.5 Македонија**

Можете:

• **да споделите** – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото
Под следните услови:

• **Наведи извор.** Морате да го наведете изворот на ист начин како што тоа го направил авторот или давателот на лиценцата (но не на начин кој би сугерирал дека тие ве поддржуваат вас или вашето дело).

• **Некомерцијално.** Не смеете да го користите ова дело за комерцијални цели.

• **Без адаптирани дела.** Не смеете да го промените, трансформирате или да го адаптирате ова дело.

• Во случај на понатамошно користење или дистрибуција морате на другите јасно да им ги дадете до знаење условите под кои е лиценцирано ова дело. Најдобар начин за да го направите тоа е да поставите врска до оваа веб-страница.

http://creativecommons.org/licenses/by-nc-nd/2.5/mk

• Секој од горенаведените услови може да биде поништен ако добиете дозвола од носителот на авторските права.
• Ништо во оваа лиценца не ги нарушува или ограничува моралните права на авторот.

Преводите се работени според
англиското АРДЕН издание на
делата на Вилијам Шекспир

Содржина

1. Веселите жени од Виндзор **13**

2. Комедија на забуни **95**

3. Кротењето на опаката **149**

4.Со сила убавина не бидува **221**

5. Од влакно ортома **305**

6. Секое зло за арно **383**

7. Танте за кукуригу **469**

8. Ромео и Јулија **549**

9. Ричард Трети **633**

10. Кориолан **727**

11. Тимон од Атина **827**

Преведувањето на големите автори од светската книжевност меѓу кои, секако, Вилијам Шекспир е еден од најголемите, сé уште, за жал, е една од клучните задачи на современиот македонски книжевен преведувач. Велиме за жал, зашто голем пропуст е на нашата национална култура што досега не ги приопштила неговите триесет и седум драми, сите 154 сонети и неколкуте т.н. недрамски дела и покрај постоењето на толкав број школувани англисти, талентирани поети, писатели, преведувачи. Не дека Шекспир не бил во фокусот на интересирањето на нашите интелектуалци, не дека не се правеле обиди за негово преведување, туку затоа што делумното и мошне неорганизирано негово пренесување на наше тло, главно од акутните потреби на некој наш театар да игра некоја негова пиеса, направи необичен хаос во доловувањето на вистинската слика пред македонскиот читател за она што навистина го напишал овој мајстор на драмата и на пишаната реч, воопшто.

Овој кус вовед нема за задача да говори за историјата на преведувањето на Шекспир кај нас (тоа е веќе направено - види: Иванка Ковилоска-Попоска, *Шекспир во Македонија*) туку само на кусо да потсети што е преведено од него, што треба уште да се преведе, да го оправда појавувањето на овој том во ваква, навидум, внатрешно несредена форма, да каже нешто за основните карактеристики на шекспировиот стих и да објасни како е пренесен "начинот на намера" или "начинот на кој шекспировиот стих значи" на македонски јазик како што би рекол Валтер Бенјамин во неговиот познат (и денеска неодминлив за секој теоретичар на преведувањето) есеј за преведувањето од 1924 година "Задачата на преведувачот."

Од триесет и седумте драми за кои се смета дека се напишани од раката на Шекспир (според надворешните и според внатрешните податоци) заедно со овие единаесет, досега на македонски, според нашата евиденција, се објавени во печатена форма дваесет и шест драми од кои две, **Хамлет** и **Ромео и Јулија** во два различни преводи. **Хамлет** прв го преведе Ацо Шопов, Блаже Конески е автор на преводот на **Отело**, Георги Сталев на **Венецијанскиот трговец** и **Ромео** и **Џулиета**, Иванка Ковилоска-Попоска на **Хенри Шести (прв и втор дел)**, Богомил Ѓузел на **Хамлет**, **Крал Лир**, **Макбет**, **Троил и Кресида**, **Јулие Цезар**, **Антонио и Клеопатра**, **Тит Андроник**, **Сон на летната ноќ**, **Бура** и **Ноќ спроти Водици,** а овој том ги вклучува преводите што ги направи Драги Михајловски: **Ричард Трети**, **Ромео и Јулија**, **Кориолан, Тимон од Атина**, **Комедија на забуни**, **Кротењето на опаката**, **Со сила убавина не бидува**, **Веселите жени од Виндзор**, **Од влакно ортома**, **Танте за кукуригу** и **Секое зло за арно.** Од Шекспир објавени се во посебна книга уште **60 сонети** во препев на Ацо Шопов (според прозниот превод на Таска Дубровска) и **20 сонети** во периодиката, препеви на Драги Михајловски. Значи, за да го имаме комплетниот Шекспир на македонски, потребно е да се преведат уште дванаесет драми (**Како што милувате**, **Зимска бајка**, **Перикле**, **Симбелин**, **Двајцата велможи од Верона**, **Кралот Јован**, **Хенри Петти**, **Хенри Шести(прв, втор и трет дел)**,

Хенри Осми и **Ричард Втори)**, **74 сонети** и неколкуте недрамски дела (**Венера и Адонис**, **Грабнувањето на Лукреција**, **Тагувањето на заљубената**, **Заљубениот аџија** и **Фениксот и грлицата)**.

Зошто овој том се појавува во ваква форма? Одговорот е едноставен. Авторот на преводите, не сакајќи да ги повторува веќе преведените (за негова жал, најпознатите и најдобри драми на Шекспир) се нафати, почнувајќи од 1985 година, да го преведува *остатокот*, она понепознатото (но не и задолжително полошо) од овој автор, сметајќи дека добро е еднаш да се има целиот Шекспир а потоа новите, секако потребни, нормално неопходни преводи можат секогаш да бидат добредојдени во процесот на деавтоматизирање на автоматизираното, обновување на застареното, очудување на баналното, доколку сакаме, а тоа секако е една од клучните задачи на секој добар преведувач, да го обезбедуваме и во иднината што доаѓа опстанокот на овој неповторлив гениј на светската книжевност. Единствена отстапка во овој поглед е новиот превод на **Ромео и Јулија** којшто наменски беше правен за Кумановскиот театар а оправдувањето е што првиот превод на **Ромео и Јулија**(исто како и преводите на **Венецијанскиот трговец**, **Отело** и првиот превод на **Хамлет**) беа правени, од разбирливи причини, посредно, најчесто преку руските преводи на Пастернак. Ова секако, автоматски, не значи дека преводите правени од оригиналот се нужно подобри и поубави (не е воопшто лесно да се дрзнете да преведувате откако тоа пред вас го правеле големи мајстори на стихот какви што се Шопов, Конески или Сталев,) туку само дека доаѓаат како неопходни обиди што подобро, попрецизно и поточно да се фати *начинот на намера* (*Art des Meinens)* на оригиналниот текст како што вели Бенјамин, за потоа, со љубов и до детаљ, да се вгради во јазикот-цел.

Шекспир е голем автор затоа што, како што вели Борхес, никој пред него и по него (освен Бог, се разбира) не успеал да биде толкумина или, како што тоа најчесто се вели, не создал толкав број ликови со кои навлегол во, речиси, секоја сфера на човековото живеење, го опфатил, речиси, секој слој на општественото уредување, осветлил толку многу особини на човечкиот карактер, дал толку многу ситуации или, едноставно речено, го напишал урнечкиот ракопис на нашата живеачка во овој, секако, убав, необичен и, не до крај познат за нас, свет. Но преведувачот, особено добриот преведувач, е секогаш свесен дека ликовите, со сета своја живост, пластичност, со сите свои радости, таги, мечти и соништа, никогаш не се надвор од јазикот. Тие се раѓаат, поминуваат дел од својот живот или умираат само и единствено во јазикот. Надвор од синорите на јазикот е светот на стварноста со кој преведувачот нема никаков допир. Тој единствено се занимава со метастварноста или со лингвистичките уџдурми и заврзлами што веќе некој ги кодирал пред него. Оттука и велиме дека преведувачот не се занимава со херменевтика (во секој случај не првенствено) туку со стилистика или со тоа **како** нештата, работите значат во самиот јазик, или, како што веќе претходно кажавме со *начинот на намера* или *Art des Meinens* како што вели Бенјамин. Изнаоѓањето на *начинот на намера* во оригиналот е првата, најважна, најкрупна, најсуштествена задача на преведувачот или, кажано поинаку, правењето на *матрицата на преводливоста* или правењето карта, листа на очудувања, отстапки, кодови, херменевтики на синтактичко, лексичко, фонолошко и семантичко рамниште односно изнаоѓање на сé она во јазикот на оригиналот што ја чинат, условно кажано *литерарноста* на едно дело, или, како што велат руските формалисти, она заради кое едно дело го сметаме за уметничко, исклучително по однос на другите, банализирани, лексикализирани, автоматизирани *писма*. Правењето на *матрицата на преводливоста* е најважната задача на преведувачот пред да седне технички, според своите стекнати компетенции, се разбира, да го напише новиот текст врз веќе поставениот костур

во новата јазична средина, односно најдобро што може снимениот *начин на намера* на оригиналот. Добро направената *матрица на преводливост* е единствената гаранција дека преводот ќе ја исполни својата основна задача – обезбедување на опстанокот на оригиналот. Само според овој критериум, може да се цени успешноста или неуспешноста на еден превод а не според застарените и веќе смешни методи кои се занимаваат со тоа дали преведувачот работел според оригиналот, дали успеал да го *разбере* оригиналот, дали можеби се огледал на други преводи пред себе, на својот или на некој сроден јазик итн.. Да кажеме само дека денеска, во време кога англиските и американските научници од областа на книжевноста, пред сé, преку безброј фусноти и белешки, особено во добрите изданија на Шекспир од типот на Арден, на пример, детално го разработиле и осветлиле речиси секое т.н. темно место во изразот на големиот мајстор, секое недоразбирање што може да се должи на застарувањето на зборовите, фразите, идиоматските изрази, нивното обесмислување со текот на времето и придобивањето нови значења и смисли, речиси е смешно, за добро изверзираниот и искусен англист-преведувач да *згреши* во т.н. разбирање на текстот па да мора да посегнува (што креативно е многу фрустрирачки) во туѓи преводи и решенија. Работењето од оригиналот е задолжително не само заради законот на преведувањето според кој добрите оригинали во себе, меѓу редови, најподатно ги содржат сопствените преводи, туку затоа што, на тој начин, *општата намера* на јазикот или како што вели Бенјамин *Das Gemeinte* најдобро и најцелосно, ко огромна прашина од смисла ќе се нафати врз *Art des Meinens*, *начинот на намера* што добриот преведувач, низ компетентна, муниционза егзегеза претходно го вградил во јазикот-цел.

Овде, се разбира, немаме ниту време ниту простор да го опишеме изнаоѓањето на *начинот на намера* или правењето *матрица на преводливост* во драмите на Шекспир по што следи работата врз формирањето на преводниот текст зашто тоа би нé одвело во долги, тучни анализи, збор по збор, фраза по фраза, реченица по реченица. Не дека тоа не е правено, туку дека тука, во еден, првенствено, пригоден текст, едноставно, не му е место. Ќе се задржиме само на, според нас, најпроблематичното па според тоа и најважното: т.н. јампски десетерец на Шекспир и аргументите зошто тој не треба *буквално* да се сфаќа и вградува во *начинот на намера* или костурот на македонскиот превод. Веднаш да расчистиме: нити драмите на Шекспир постојано се пишувани во јампски десетерец (врзан стих од пет двосложни стапки најчесто без рима) нити пак самиот јампски десетерец е доследен, па најчесто, *нападнат* од генијалноста на авторот, е толку испокршен, очуден, онеобичен во самата своја синтактичка поставеност, особено со многубројните опчекорувања, што понекогаш наликува на фина, несекојдневна во обликот, но длабоко продуховена проза. Тоа е едно. Друго, инсистирањето доследно да се гради јамб во македонскиот јазик за кој јамбот е неприродна, натрапничка, туѓа стапка, е вистинско насилство врз јазикот. Не дека тој не може да се изгради по примерот на мнозина македонски автори кои претходно се обидувале и успевале да го направат (Блаже Конески, Гане Тодоровски, Георги Сталев, на пример), туку зашто таквото *насилничко* туркање на јамбот а со тоа и на силабичката версификација ги прави, речиси, невозможни напорите да го кажете она што Шекспир толку сликовито и прецизно го кажува на својот јазик. Едноставно имате чувство дека во стихот којшто, најверојатно, заради потребите на јамбот, ќе мора да го започнувате и да го завршувате со еднословен збор а честопати, особено при завршувањето на некој говор, монолог, или, најчесто, разговор меѓу два женски лика, истиот тој последен еднословен збор и да го римувате со друг еднословен збор, сте се нашле во тесно небаре пикнати и скукулени во некоја задушлива затворска ќелија во која вашиот дух не може, слободно и моќно, до самите синори на своите можности, да ја исполнува

својата света преведувачка задача. Оттука, а и заради свеста дека преводот што го работевме треба да стигне и да искомуницира со крајниот чинител во секој креативен процес, публиката, решивме т.н. јампски десетерец да го трансформираме на начин што најдобро ќе овозможи *паѓање на прашината од смисла* врз основната конструкција на новиот текст, односно преку трансформација на силабичката версификација со тонска. Тоа практично значи задржување на петте нагласени слога во стихот но затоа бројот на ненагласените се остава слободно да варира според наодите, потребите и музичкиот осет на преведувачот. Врз ваквата основна постановка на новиот драмски текст во македонската јазична средина, се разбира, доследно, детално и со љубов ги додадовме и сите други, претходно издвоени, т.н. отстапки, очудувања што сметавме дека ја чинат *литерарноста* или *стилските особености* или *волшебната вредност* на текстовите на Шекспир: многубројните опчекорувања, инверзии, елиптични места во синтаксата, неологизмите, архаизмите, сложенките, кованките, заемките во лексиката, алитерациите, асонанците, симплохите, вербалните репетиции, римите, консонанците, пararимите во фонологијата, силните и слабите фигурални решенија во семантиката. Врз таквата грижливо изработена *матрица на преводливост* потоа беше само задоволство, низ работата да се пушта смислата, *општата намера* во јазикот на оригиналот, цврсто и моќ но да се прилепува врз неа и да го формира вториот, освежен, обновен, подготвен за опстанок во новата јазична средина, текст.

Ова се основните работи што сметавме дека, во еден ваков пригоден вовед, треба да се споменат при излегувањето на овие единаесет драми на македонски јазик од, како што вели Виктор Иго, вториот најголем создавач на светот по Бога, Вилијам Шекспир. За тоа дали успешно сме ја исполниле својата задача, односно во колкава мера сме го обезбедиле опстанокот на оригиналот, не е наше да судиме. Важно е дека обидот е направен. За другото нека суди публиката и времето.

Весёлые жены из Виндзора

Наслов на оригиналот:

The Merry Wives of Windsor

ЛИЦА:

Сер Џон Фалстаф
Фентон
Шупелко, окружен судија
Сушко, роднина на Шупелко
Господин Плиткавода, благородник од Виндзор
Господин Рабуш, благородник од Винзор
Вилијам Рабуш, момче, син на господин Рабуш
Сер Хју Еванс, велшки поп
Доктор Кајус, француски лекар
Гостилничар
Намќор, придружник на Фалстаф
Пиштол, придружник на Фалстаф
Немтур, придружник на Фалстаф
Робин, паж на Фалстаф
Наивко, слуга на Сушко
Рагби, слуга на доктор Кајус
Госпоѓа Плиткавода
Госпоѓа Рабуш
Госпоѓица Ана Рабуш, нејзина ќерка заљубена во Фентон
Госпоѓа Брзофатка, слугинка на доктор Кајус
Слуги на Рабуш, Плиткавода итн..

Комедијата[1] во принцип, се пишува и се игра за да ги насмее луѓето. Доколку не успее во тоа, тогаш виновникот треба да се бара во авторот ако тој пишува на вашиот јазик или во преведувачот којшто е задолжен да го обезбеди опстанокот на оригиналот. Впечаток е дека многу ретко досега, публиката се смеела и уживала во преведена комедија на Шекспир во Македонија. Тоа значи дека или Шекспир е лош комедиограф па следствено треба да се исфрли од репертоарите на нашите театри или проблемот лежи во начинот на кој преведувачите го толкуваат и актуелизираат. Преведувањето и поставувањето на ***Веселиште жени од Виндзор*** овде, на сцената на Битолскиот театар, покрај другото, има за цел да го докаже токму второто.

Шекспир, и самиот "крпач" и "креативен преведувач" на постари текстови и познати приказни за што бил и луто напаѓан од своите современици како човек "што се кити со туѓо перје" а за кого, од денешен аспект гледано, може да се каже дека е автор којшто применувал типично постмодернистичка постапка, ја напишал **.** врз костурот на една постара пиеса *Комедија на љубоморатa* за пригодата од 23 април 1597 година веројатно, како што е потврдено дури во 1702 година, по нарачка на кралицата Елизабета Прва која по драмата *Хенри Четврти (прв и втор дел)* сакала да го види својот омилен Фалстаф во драма во која тој е заљубен. Комедијата првпат е печатена во 1602 година, а препечатена со поправен текст во првото и најважно фолио издание од 1623 година.

Ова е една од ретките драми на Шекспир (од триесет и седумте колку што ни е познато дека напишал) чие дејство целосно се случува во Англија и низ кое се дава верна слика на веселата Англија од крајот на Шеснаесеттиот век преку портретирањето на низа ликови од граѓанското општество и доловувањето на нивната простодушност, нивната срдечност, полнокрвност и подготвеност за шега во секое време. Здравиот хумор, добронамерноста и веселоста брзгаат од секој стих, секоја реченица, секоја реплика и сé е кажано на едноставен, разговорен но мошне духовит јазик. Главниот заплет – Фалстафовото лажно додворување на жените од господата Рабуш и Плиткавода за да се извлече од тешката финансиска состојба и неговото насамарување – напишан е во сочна, блескава проза (2.703 редови), додека споредниот – романтичната приказна за младата мома Ана Рабуш, нејзините додворувачи и мажачката со Фентон – во стих (296 стихови).

Ова е првиот македонски "превод" на ***Веселиште жени од Виндзор***. Ова превод е ставено под наводници бидејќи направен е напор оригиналниот текст максимално да се актуализира за да може гледачот, на некој начин, да се поистовети и да ги почувствува ликовите блиски до себе, да ги види како луѓе што секојдневно се шетаат по битолските или по кои било други улици низ Македонија, луѓе нормални што водат секојдневен живот, се љубат, љубоморат, создаваат, се шегуваат, раѓаат, умираат, луѓе наивни, луѓе паметни, луѓе оптоварени и неоптоварени кои се подготвени во секое време за шега и љубов, да забораваат и простат без, ни во еден миг, да застранат во вилаетите на омразата и крвавиот расплет. Се

разбира, режисерот Љубиша Георгиевски како потврден креативец од европски ранг, оди многу понатаму во "преведувањето" и актуализирањето на текстот. Водејќи ги многу вешто прекалените професионалци од Битолскиот театар го допира "дуплото дно" на драмата и нуди свое ново, мошне интелигентно и заводливо видување на текстот. Но тоа нека остане тајна што ќе ја откриете по гледањето на претставата.

[1] Текстот е првпат објавен по повод изведувањето на премиерната претстава на *Веселите жени од Виндзор* на 31 октомври 1997 година, на сцената од Битолскиот народен театар во режија на Љубиша Георгиевски. Овде го пренесуваме во целина, без никакви измени.

Чин ПРВИ

Сцена 1

(Влегуваат судијата Шупелко,
Сушко и попот Хју Еванс)

Шупелко

Немојте така, оче Хју. Ви велам од ова ќе испадне големата. Стопати нека се вика Џон Фалстаф не може со мене, пречесниот судија Роберт Шупелко, да си игра мајтап.

Сушко

Којшто коли и беси во грофовијата Глостер.

Шупелко

Баш така Сушко, брате, ама и сечи и печи.

Сушко

Море и глави гмечи; а благородник е по крв, а попче? И се потпишува со "џелат" под секоја сметка, потврда, признаница и обврзница: со "џелат".

Шупелко

Токму така, роднино, баш така правам, како што сум правел последниве триста години.

Сушко

Сите негови потомци пред него така се потпишуваа а така ќе се потпишуваат и сите негови претци по него. Јата бели штуки можат да покажат на грбот.

Шупелко

Грбот е ептен стар.

Еванс

Блебер вошки полажат по грбот штанеш партал. Отлично. Пашент! Вошка е блишка до машот и жначи љубов.

Шупелко

Едно е штука на грбот, друго вошка по грбот.

Сушко

Можам и јас да си скрпам грб.

Шупелко

Можеш, преку брак.

Еванс

Мрак ќе биде штварно ако и тој шкрпи.

Шупелко

Шими шивко.

Еванс

Нема шивко, шими богородјца. Ако има четврт крпа од твојот партал, по моја прошта шметка, има шамо три шукњи тебе да ти оштанат: Ама ишто ти ше фаќа. Ако шер Џон Фалштаф шо нешто те понишил, јаш шум швештено лице и ше штавам на рашполагање да ве шмирам жа да нема кавга меѓу ваш.

Сушко

Море до Парламентот ќе ја терам работата; ова е беззаконие.

Еванс

Не му личи на Парламентот да шлуша бежжаконие. Нема штрав од Пога во бежжаконието. Парламентот, шлушнете ме, ќе шака да шлушне нешто жа штравот Пошји, а не жа бежжаконието. Берете ум, гошподине.

Шупелко

Ах! Да сум пак млад, жими сé, глави за ова ќе летаа.

Еванс

Шмирете ше, гошподине. Пријателштвото е лек жа мечот. Ама и нешто друго ми ше врти в глава, кое на арно моше да ижлеже. Мишлам на чешната мома Ана Рабуш, ќерка на гажда Тома Рабуш.

Сушко

Госпојца Ана Рабуш? Со костенлива коса и со уста стокмена ко жена?

Еванс

Баш таа; поарна прилика од неа, ждравје. А и дедо ѝ, пред да умре - гошпод душата да му ја прошти - шедумштотини фунти ѝ оштави и жгора уште шребро и жлато килници жа да штанат нејжини ко ќе наполни шедумнаешет. Жатоа велам да ги оштавиме шите наши шитни жакачки макачки и да правиме работа да ше жемат младиот Аврам и госпојцата Ана Рабуш.

Сушко

Навистина дедото ѝ оставил седумстотини фунти?

Еванс

Да, да, а и од татка ши добра пара ќе лапне.

Шупелко

Ја познавам младата госпојца. Има добри дарови.

Еванс

Шедумштотини фунти плуш друго ше добри дарови.

Шупелко

Арно, да појдеме докај газда Тома Рабуш. Таму е Фалстаф?

Еванс

Ви личам на лашго? Мражам лашковци како што ги мражам тие што лашат или како што ги мражам тие што не ја кашуваат виштината. Витежот Џон е таму и шега шо Гошпод напред ќе тропнам на вратата од гажда Рабуш.
(Тропа на вратата.)
Жа арно жа добро, кај е Гошпод никој не е!

Рабуш

(Одвнатре) Кој е?

Еванс

Гошпод шладок и твојот пријател, и шудијата Шупелко и уште младиот гажда Шушко што ќе ви каше уште нешто ако кашаното ви годи на ушите.
(Влегува газда Рабуш.)

Рабуш

Мило ми е што ве гледам на арно. Ви благодарам за срнечкото, газда Сушко.

Шупелко

Газда Рабуш, и мене ми е мило. На здравје нека ви е! Камо срната да беше поарна; некако килаво беше застрелана. - Како ви е газдарицата? - И јас секогаш од срце ви заблагодарувам, да, од срце.

Рабуш

Ви благодарам, господине.

Шупелко

Јас вам ви благодарам, господине. Сполај му.

Рабуш

Мило ми е што ве гледам, добар господине Сушко.

Сушко

Како е вашата ‘ртка, загарот, господине? Слушам лошо поминал на трката кај Котсволд.

Рабуш

Па не може баш така да се каже, господине.

Сушко

Признајте, признајте.

Шупелко

Е нема! Ваша грешка, ваша грешка. *(На Рабуш)*. Ама песот е арен.

Рабуш

Ко компир варен, господине.

Шупелко

Господине, песот е добар, песот е и убав. Што уште може да се каже? Добар е и убав. Дали е тука господинот Џон Фалстаф?

Рабуш

Внатре е, господине; и многу сакам да посредувам помеѓу вас двајца.

Еванс

Најпошле некој каша нешто ришјаншко.

Шупелко

Тој многу ме навреди, газда Рабуш.

Рабуш

Господине, тој тоа донекаде и го признава.

Шупелко

Едно е да признаеш а друго да се оправдаш. Зарем не е така, газда Рабуш? Тој ме навреди; навистина ме навреди, ви велам; верувајте ми оти ме навреди.. Јас, благородниот Роберт Шупелко велам: навреден сум од него!
(Влегуваат витезот Џон Фалстаф, Намќор, Немтур и Пиштол)

Рабуш

Доаѓа витезот Џон.

Витезот Џон Фалстаф

Значи, газда Шупелко, навистина ќе ме тужите пред кралот?

Шупелко

Витезу, ми ги тепавте луѓето, убивте мој елен, ми проваливте во ловечката куќа.

Фалстаф

Ама не ја штипнав ќерката на вашиот чувар.

Шупелко

Их, голема работа. Ама за ова ќе ми одгов-

арате.

Фалстаф

Веднаш ќе ви одговорам: Признавам, крив сум. На здравје одговорот.

Шупелко

Не знам дали ќе ви биде на здравје кога ќе чујат во Советот.

Фалстаф

За вас е поарно да не чујат. Резил ќе ве сторат.

Еванс

Pauca verba, витежу Цон, жборови асол.

Фалстаф

Зборови асол? Тикви со расол! - Сушко, јас ви ја дупнав тимбата: имате нешто против мене?

Сушко

Имам витезу. Полна ми е главата со работи против вас и овие ваши апаши во зајачка кожа, Намќор, Немтур и Пиштол.

Намќор

Ти, гаду низаеден!

Сушко

Да, ама не велам. . .

Пиштол

Зевзек еден зерзевулски!

Сушко

Да, ама не велам. . .

Немтур

Боц, боц, велам *pauca, pauca*. Во крвта ми е да боцкам.

Сушко

(*На Шупелко)* Кај е Наивко, слугата мој кај ми е? Знаете, роднино?

Еванс

Шмирете ше, шиви Гошпод. Да ше ражбереме. По моему има три шудии во шлучајов: одношно гажда Рабуш, тоешт гажда Рабуш; пошлем јаш, тоешт јаш; и конечно и најпошле штопанот на мојата гоштилница "Кај Шпринките".

Рабуш

Ние тројцата да ги чуеме и да го решиме спорот меѓу нив.

Еванс

Така е. На кушо ќе жапишам во белешников, а пошле на мира и на долго ќе приштапиме кон негово ражрешување.

Фалстаф

Пиштол!

Пиштол

Претворен сум во уво.

Еванс

Ѓавол да те жеме, ами така ше вели, "Прешторен шум во ушо!" Чишта глума!

Фалстаф

Пиштол, ти му го дрпна ќесето на газда Сушко?

Сушко

Да, жими ракавициве или да даде Бог повеќе никогаш да не стапнам во мојата огромна спална, тој ми дрпна седум гроша во новоисковани парички од шест пени и два шилинга со ликот на крал Едвард купени од Ед Милер по цена од два шилинга и два пени по парче. Жими ракавициве, ви велам.

Фалстаф

Право вели, Пиштол?

Еванс

Криво, ше ражбира, ако е дрпни-кеше.

Пиштол

Што? Ти мене јабанџио горска! Господару, на мегдан го викам надрканиов вошло.
Повлечи го зборот лајпрдски што го изблу, повлечи го: црву, гаду, лажеш!

Сушко

(Покажува на Немтура) Жими ракавициве, тогаш, оној беше.

Немтур

Послушајте ме, господине, и шегите на страна. Гледам убаво ќе си налепите ако не ви дојде умот со време. Со мене трте-мрте нема!

Сушко

Жими паларијава, тогаш сигурно бил овој со црвеново лице. Зашто иако не паметам добро што правев кога господинов ме опи, сепак толкаво магаре не сум.

Фалстаф

(На Намќор) Што велат на ова Вил и малиот Џон?

Намќор

Што се однесува до мене, господару, велам дека господинов се начукал до стотка.

Еванс

Ко штока, шака да каше. Бог да нé варди од неукошт!

Намќор

И натрескан, господару, бил, како што се вели, олеснет, па како таков пребрзал во заклучоците.

Сушко

Да, и тогаш говоревте латински, ама што е тука е. После оваа местенка дури сум жив повеќе никогаш нема да се напијам освен во честито, пријатно, набожно друштво. Ако треба да се напијам, ќе се напијам со луѓе што имаат страв од Бога, а не со пијани багабонти.

Еванс

Шими гошпод, паметна одлука.

Фалстаф

Чувме, господо, и видовме, дека обвинението не држат.
Влегува Ана Рабуш, со вино.

Рабуш

Немој ќерко, врати го виното; ќе пиеме внатре. *(Ана излегува).*

Сушко

Еј, еве ја госпојцата Ана Рабуш!
(Од другата страна влегуваат госпоѓа Плиткавода и госпоѓа Рабуш)

Рабуш

Како сте, госпоѓо Плиткавода?

Фалстаф

Госпоѓо Плиткавода, искрено се радувам на оваа средба. Со ваша дозвола, убава госпоѓо. *(Ја бакнува.)*

Рабуш

Жено, посакај им добредојде на господава. -Повелете, имаме топол срнечки котлет за вечера. Повелете, господа, да ги натопиме сите недоразбирања со добро винце. (*Излеѓуваат сиѿе освен Сушко.)*

Сушко

Ах да ја имам овде книгата со песни
и сонети, од четириесет шилинзи би се откажал.*(Влеѓува Наивко.)*
О-паа Наивко, каде сте до сега? Да не треба сам на себе да си слугувам, а? Сигурно ја немате со себе книгата гатанки, а?

Наивко

Книгата гатанки? Па зарем не ѝ ја позајмивте на Алиса Кек лани за Петровден две недели пред свети Арангел?
(Влеѓуваат Шуѿелко и Еванс)

Шупелко

(На Сушко) Што чекате, роде, ајде идете, роде; сите на вас чекаме. (*На сѿрана само нему).* Само нешто да ви кажам, роде. (*Го ѿрѓа Сушка на сѿрана.)* За ова се работи, роде: се готви, тукуречи, нешто како строј што одоколу го навести попчево овде. Ме разбирате?

Сушко

Ве разбирам, господине, ќе видите дека сум човек на место. Ако така стои работата, ќе сторам сѐ во границите на разумот.

Шупелко

Добро, ама ме разбирате.

Сушко

Ве разбирам, господине.

Еванс

Пошлушајте што има да ви каше. Гажда Шушко, јаш објашнам шѐ ако мошете мене шлушаш.

Сушко

А не, ќе сторам како што ќе каже мојот роднина Шупелко. Простете, ве молам. Тој е судија на целава околија, ако јас вака ви изгледам.

Еванс

Ама не ше работи жа тоа. Ше работи жа вашата шеначка.

Шупелко

Да, токму за тоа станува збор, господине.

Еванс

Жа тоа, жа тоа, ами што друго - шо гошпојцата Ана Рабуш.

Сушко

Аха, ако така стојат работите, ќе се оженам со неа ама под разумни услови.

Еванс

А дали мошете да го шакате момичево? Шакаме од ваша ушта да чуеме, или од ваши ушни - оти ражни филошофи мишлат дека ушните ше дел од уштата. Жатоа, да бидеме на чишто, мошете да го жашакате девојчето?

Шупелко

Авраме Сушко, роде, можете да ја љубите?

Сушко

Се надевам, господине. Сé ќе правам како што му доликува на еден разумен човек.

Еванс

Ама не тоа, гошподе и шите швети маченици, кашете јашно и глашно дали мошете штрашта ваша во неа да ја пичнете?

Шупелко

Тоа мора. Дали можете да ја земите за жена сосе чеизот?

Сушко

Можам и многу повеќе да сторам ако вие барате, роднино, и ако е разумно.

Шупелко

Ама сфатете ме, сфатете ме, роде мој најмил. Ова го правам за ваше добро, роде. Можете да ја љубите девојката?

Сушко

Ќе се оженам со неа, господине, на ваше барање. Ако нема голема љубов на почетокот, бог ќе даде да се смали кога подобро ќе се запознаеме, кога ќе бидеме во брак и ќе имаме можност да се зближиме. Верувам дека со зближувањето ќе порасне и презирот. Но ако вие велите "ожени се со неа", ќе се оженам. Ова сам го решив и со страв пред Бога.

Еванс

Така ше одговара, ами како, ошвен што греши во ижражот. По наше мишлење, ижражот "шо штраф пред Бога" треба да глаши "пошрав пред Бога". Инаку, мишлата му е добра.

Шупелко

И јас мислам дека мојот роднина добро мислеше.

Сушко

Добро, ами како, инаку на, обесете ме! *(Влегува Ана Рабуш.)*

Шупелко

Еве ја убавата госпојца Рабуш. Само заради вас, госпојце, сакам пак да сум млад.

Ана

Вечерата е поставена. Татко ми ве моли да повелите.

Шупелко

Ќе повелиме, убава госпојце.

Еванс

Гошподи, прошти ако ја пропуштам молитвата.
(*Излегуваат Шупелко и Еванс.)*

Ана

(На Сушко) Ќе повели вашето господство да влезе, господине?

Сушко

Не, благодарам, сполај ви; ептем сум добар.

Ана

Ве чекаат, господине, за вечера.

Сушко

Не, не сум гладен, сполај ви, навистина. *(На Наивко)* Оди момче; иако си мој слуга, оди

да му се најдеш на мојот роднина Шупелко. *(Излеѓува Наивко).*
И судијата може некогаш да ти должи заради позајмен слуга. Сега за сега, сé уште држам три слуги и едно слугинче, барем дури е жива мајка ми. А што фајде? Пак живеам како роден сиромав од благороден сој.

Ана

Не смеам да се појавам внатре без вашето господство. Не седнуваат без вас.

Сушко

Верувајте ми, ништо не ми се клава в уста. Ви благодарам, исто како да сум јадел.

Ана

Ве молам господине, влезете внатре. *(Одвнаѿре се слуша кучешки лаеж)*

Сушко

Не, не, сполај ви, ќе шетам надвор. Минатиот пат се удрив по писка кога со меч и кама се тепав со еден мајстор за мечување - три удари в мета за чамче варени сливи - и оттогаш, верувајте ми бегам од мирисот на печено месо како попарен. Зошто толку ви лајат кучињата? Да не има мечки во градов?

Ана

Мислам дека има, господине, така велат.

Сушко

Сакам кога ќе дојдат мечки в град - ама ги пцујат повеќе од кој било Англичанец. Ви фуфка од одврзана мечка, не?

Ана

Да, господине, ептен.

Сушко

А мене баш тоа ме рани. Стопати сум го видел мечокот Мишко одврзан и сум го држел за синџир. Ама ви тврдам, жените толку врескаа и пискаа што големата стана. Всушност, жените не сакаат мечки. Мечките се многу намќори, многу груби тиќиња. *(Влеѓува Рабуш.)*

Рабуш

Влезете, газда Сушко, влезете. Само на вас се чека.

Сушко

Ништо не ми се јаде, ви благодарам, господине.

Рабуш

Ви се јаде не ви се јаде, мора да влезете, господине. Ајде, повелете.

Сушко

Не, ве молам, само после вас.

Рабуш

Влегувајте, господине.

Сушко

Повелете првин вие, госпојце Ана.

Ана

А не, јас никако; ве молам само напред.

Сушко

Навистина нема прв да влезам, нема па нема, не сакам до толку да ве навредам.

Ана

Ама јас ве молам, господине.

Сушко

Поарно недоделкан отколку досаден.
Ама после да не речете вака-така: - тој нѐ навреди!
(Излегуваат) (Прв Сушко, другите по него.)

Сцена 2

(Влегуваат Еванс и Наивко (од вечера))

Еванс

Оди шо шреќа и рашпрашај ше жа куќата на доктор Кајуш. Во неа ше вртка некоја ши гошпоѓа Бржофатка, која е нешто како негова манука, доилка, куварка, перачка, мијачка, штишкачка.

Наивко

Добро, господине.

Еванс

Добро, ама има и подобро. Дај ѝ го пишмово, оти оваа шена добро ше знае шо гошпојцата Ана Рабуш. Во пишмото од неа ше моли и ше бара да ги пренеше на гошпојца Ана Рабуш шелбите на твојот гошподар. Тргни веднаш. *(Излегува Наивко).*
Јаш да ши го довршам јадењето; допрва ќе штават јаболчиња и ширенче *(Излегува)*

Сцена 3

(Влеѓувааѿ Фалсѿаф, Намќор, Немѿур, Пишѿол и Робин.)

Фалстаф

Меанџио на Шпринките!
(Влеѓува Меанџијаѿа од "Кај шпринките")

Меанџијата

На заповед, делио мој фиданбојлио! Зборувај учено и умно!

Фалстаф

Велам, меанџио, да ја скусам малку дружинава.

Меанџијата

Чкартирај, Херкул-делио, отпуштај. Нека квачат малку на друго место. Иш, иш.

Фалстаф

Стигнав до арч од десет фунти неделно.

Меанџијата

Ти си цар: Цезар, кајзер и везир. Ќе го впрегнам Намќор. Тој малку нека црпи, нека точи. Арно велам, Хектор-делио?

Фалстаф

Стори така добар мој меанџио.

Меанџијата

Реков; нека тргне по мене. *(На Намќор)* Да видам како ќе ми го пениш пивото и од виното како ќе ми правиш крстена вода. Еднаш велам: по мене. *(Излеѓува)*.

Фалстаф

Намќор, по него. Пивничар е добар занает. Од едно старо две нови прави. Од дртав измеќар, силен пивничар. Оди; збогум.

Намќор

Цел живот ова го сакав. Ќе прокопсам. *(Излеѓува)*

Пиштол

О подол Унгарине, зар со чепот сега ќе повелаш?

Немтур

Зачнат е во вино; крвта вода не станува.

Фалстаф

Најпосле се куртулив од овој кибритлија. Крадеше без намуз. Дрпаше ко некоја невешта келнерка. Ептен немаше усул.

Немтур

Вештина е да украдеш кога и ѓаволот спие.

Пиштол

Умните велат "да приватизираш". "Да украдеш"? Можеш зборот да си го пикнеш знаеш каде.

Фалстаф

Значи, господа, речиси сум гол и бос.

Пиштол

Внимавајте да не посините од студ.

Фалстаф

Друго чаре нема: ќе морам малку лева ракадесен џеб, малку мижи да ти бајам.

Пиштол

И царот негде мора пешки.

Фалстаф

Кој од вас го познава овдешниов Плитка-вода?

Пиштол

Јас го знам човекот. Добро нафатиран газда.

Фалстаф

Слушајте сега ваму, да ви кажам на што сум настрвен.

Пиштол

На нешто дебело и мрсно.

Фалстаф

Е, пак ја прекардаши, Пиштол. Навистина не сум некој манекен, ама сега за друго ми е надрвен; гледам некое фајде да имам. На кратко, настрвен сум да ја освојам жената на Плиткавода. Чувствувам дека кај неа имам шанси. Не е немтур, знае да те штрекне, просто си го бара со боринче. Ептен ја сфаќам зошто вака ѝ мрда опашката. Или, ова нејзино однесување, тиквари, преведено на прост англиски значи "Витезот Џон Фалстаф е мојот принц од соништата."

Пиштол

Ја проучил арно и ја превел машки и мородавно!

Немтур

Да не е залаков преголем? Мислите ќе прође ујдурмава?

Фалстаф

Потоа, велат, таа ептен владее со ќесето на мажот ѝ; тој има булук златни анѓелчиња.

Пиштол

А вие булук итри ѓаволчиња, затоа "Навали, момче!" велам.

Немтур

Ујдурмава се кова; добро е. Ујдурмете ме ангели!

Фалстаф

(*Покажува писма.)* Еве ѝ напишав писмо - а овде имам уште едно за жената на Рабуш, која исто така заводливо ме погледна, ме "соблече" од глава до петици; сонцето од очи де нозеве витешки ми ги позлатуваше, де мојов - "секси" мев.

Пиштол

Тогаш сонцето на буниште болскало.

Немтур

Добра "контрастивна анализа".

Фалстаф

О, со толку "гладна" страст таа ме "соблекуваше" што ми се стори дека похотата во нејзините очи ќе ме спржи како сланинче за доручек! Еве го писмото за неа. И таа е газда на ќесето. Таа е Ел Дорадо, земја на злато и изобилства. Двете ќе ми бидат ризничарки, а јас нивен наредбодавец. Едната Источна, другата Западна Индија ќе ми биде, а јас меѓу нив, со двете ќе тргувам. *(Му дава писмо на Пиштол.)* Носи го писмово кај госпоѓа Рабуш, (*му дава писмо на Немтур),* а ти ова кај госпоѓа Плиткавода. Ќе процветаме момци, ќе процветаме.

Пиштол

(Го враќа писмото)
Зарем Пандар Тројански да станам,
јас што за маж четворен важам?
Поарно ѓаволот црн да ме земе!

Немтур

(Го враќа писмото)
Не си го пикам носот во ѓаволски работи. Еве, земете си го ѓаволсково писмо. Сакам да си го сочувам образот.

Фалстаф

(На Робин)
Ајде ти, момче. Стегни ги писмава цврсто, и ко гулаб летни кон златниве песци.
(Му ги дава писмата на Робин.)
Лишки, марш, да ве нема! Испарете ко магла! Февга! Скитајте, 'рмбајте, мавнете ми се, сосе партали
кај друг тупнете се! Фалстаф отсега ќе пее друга: француска, слепци -само јас и само еден слуга!
(Излегуваат Фалстаф и Робин.)

Пиштол

Орли мевот да ти го јадат! - Ама скала е светот: денес си горе, но веќе утре можеш да си долу.
Пари ќе имам в ќесе кога ти, гаду, ќе немаш

Немтур

В глава веќе смислувам тешка одмазда.

Пиштол

Ќе му вратиш?

Немтур

Жими небово сосе ѕвезди.

Пиштол

Со ум или меч?

Немтур

И со едно и со друго.
На Плиткавода ќе му кажам за ваквата љубов.

Пиштол

А јас на Рабуш, да ми простиш,
дека Фалстаф гадот сака
грлицата да му ја лости, златото гости а душекот пречист валка.

Немтур

Ни мојот гнев нема да стивне. Ќе го нашилкам Плиткавода да му тури отров; ќе го стегнам во менѓеме од љубомора; оти а збеснам ми се мати умот и тогаш сумептен лош.

Пиштол

Ти си Марс на лигушите.
Со тебе сум. Води ме!
(Излегуваат.)

Сцена 4

(Влегуваат госпоѓа Брзофатка и Наивко)

Брзофатка

О-паа, Џон Рагби!
(Влегува Џон Рагби.)
Те молам, оди на пенџере и види да видиш дали доаѓа мојот господар, господарот доктор Кајус. Оти ако дојде и најде некого дома, унери ќе станат и порој навреди ќе се втурат врз божјото трпение и кралскиот англиски.

Рагби

Одам.

Брзофатка

Оди; а после кога ќе се сноќи и кога огнот добро ќе се згори, ќе пиеме варено винце со каранфилче. (*Излегува Рагби).* Чесен, послушен, добар момок; само таков, џанам, и може да биде слуга што ти е в куќи; и, ви велам, не е некој што шири муабети, не е ни тутуле-бале. Најлоша мана му е што виси многу по црквите; затоа понекогаш е ко удрен со воден чорап - ама кажете ми жив човек без мана. Но, друг ми е зборот. Петре Наивко рековте се виката, не?

Наивко

Да, не го бирав јас нункото.

Брзофатка

И газда Сушко ви е господар?

Наивко

Точно така.

Брзофатка

Да не е оној што има брадиште ко внтре да му квачи Парламентот со сите пратеници?

Наивко

Не, ни случајно; тој има ситно лиценце со брадиче жолто ко на Евреин.

Брзофатка

Значи млак човек, така?

Наивко

Точно така; ама јак на раце. Од овде до него никој не му ја можи. Еднаш се туркаше и со чувар на ловиште.

Брзофатка

Навистина? - Тогаш, мора да го знам: не е тој оној што оди со исправена глава ко да голтнал сукало и што многу се прчи во одот?

Наивко

Да, токму така прави.

Брзофатка

Рабуш да куртули од полоша среќа! Кажете му на господинот парох Еванс дека ќе сторам сé што можам за вашиот господар. Ана е добра девојка и би сакала -
(Влегува Рагби)

Рагби

Бегајте веднаш! Доаѓа господарот!
(Излегува)

Брзофатка

Сите ќе го јадеме брутот. Бегајте ваму, момче; живи господ, влезете во сопчево. Тој нема да остане долго.
(Наивко влегува во сопчето)
Еј, Џон! Џон Рагби! Еј, ме слушаш?
(Влегува Рагби)
(На глас) Оди, Џон, оди распрашај се за господарот. Да не нешто му се случило што го нема да си дојди дома. *(Излегува Рагби)*

(тее) Леле мајко што ме роди толку сиромав *(шт.)*
(Влегува доктор Кајус)

Кајус

Сто тука пеесе? Некам тука нерапота. Молам отете во моја сопа и донесес un boitier vert - кутија, етно селена кутија. Сфакас сто намера касувам? Едно селена кутија.

Брзофатка

Се разбира, секако, веднаш ќе ви ја донесам. *(За себе)* Добро е што сам не отиде. Да го најдеше момчето, ќе скокаше ко костен на оган.
(Оди да ја донесе кутијата)

Кајус

Fe, fe, fe,fe! Ma foi, il fait fort chaud! Je m'en vais a la cour. La grande affaire.

Брзофатка

Оваа ја баравте, господине?

Кајус

Qui. Mets-le a ma pochette. Depeche, брсо!Каде онај гат Рагпи?

Брзофатка

Еј, Џон, Џон Рагби!
(Влегува Џон Рагби)

Рагби

Повелете, господине.

Кајус

Ти си Џон Рагпи, и ти си Ѓон Рагпи. Ајте, семај мецот и слети мои стапки то тфорот.

Рагби

Спремен е, господине. Чека во ходникот!
(Оди и го носи мечот)

Кајус

Господе, сапаен сум бааги. Ете, qu'ai-j' oublie! Имам трофки в сопа сто не смеам та ги саборавам са нисто зиво на сфетот.

Брзофатка

(*за себе)* Тешко мене, ќе го најде момчето и ќе збесни.

Кајус

(Го открива Наивко) O diable, diable! Сто офа фо мојата сопа? Гату, арамијо! Рагпи, мечот!
(Го зема мечот)

Брзофатка

Добар господару, смирете се!

Кајус

А состо да се смирам?

Брзофатка

Момчево е чесен човек.

Кајус

А сто бара цесен цовек во моја сопа? Цесен човек не флегуфа фо моја сопа.

Брзофатка

Ко господ ве молам, не бидете толку флегматични. Ќе ви објаснам. Дојде кај мене со некаква порака од парохот Еванс.

Кајус

Па?

Наивко

Така беше, навистина, да ја замолам -

Брзофатка

Не отворајте уста, ве молам.

Кајус

А фие сатворете ја. *(На Наивко)* Продолзете, да цујам.

Наивко

Да ја замолам оваа чесна госпоѓа, вашата слушка, да фрли некој добар збор кај госпојцата Ана Рабуш за мојот господар заради склопување брак.

Брзофатка

Ете, сé е објаснето; ама мене уште чавките не ми го испиле умот. Кој е будала да си става трн во здрава нога.

Кајус

Попот Хју те пратил? - Рагпи, baile муа малку хартија.
(Рагби носи хартија)
(На Наивко) Ти не мртај, цекај тука.
(Кајус пишува)

Брзофатка

(На страна на Наивко).Жив бил Господ, се смири. Да се извадеше од памет, ќе видевте како од sвер станува бубачка. Ама сеедно, пријателе, ќе гледам да сторам сé што можам за вашиот господар. А ваму францускиов доктор, мојот господар - господар мој навистина, оти, види, јас му ја водам куќата, перам, цедам, варам, печам, рибам, готвам, спремам за пиење, ги местам постелите, и тоа сé сама -

Наивко

(На само на госпоѓа Брзофатка)
Голема тежина за една душа.

Брзофатка

(на само на Наивко)
Голема, голема, ами како? Не е малку рано да стануваш, а доцна да легнуваш. Ама сеедно, да ви шепнам нешто на уво -ова меѓу нас нека остане - и мојот господар е заљубен во госпојцата Ана Рабуш. Ама сеедно, јас ја познавам душата на Ана: а таа ви е, од кај ќе дувне ветрот.

Кајус

(Му дава писмо на Наивко) Ти, тепилу, тај му го писмово на попот Хју. Путала, сака тфобој со мене. Ќе му го пресецам грклanот ко на пиле и ќе го науцам тој сугаф ајфан поп та не тура пипер фо туѓа манза. А ти оти. Не е топро та си офте. Путала, јајцата ќе му ги исецам. Путала, путала, ќе нема сто та ваща са Великтен. *(Излегува Наивко).*

Брзофатка

Господе, тој само сака да му помогне на пријателот.

Кајус

Бас ми е гајле. Сарем ти не реце мене тека Ана Рапус ќе пите моја? Путала, ќе го упијам тоа гатно пописте. И го самолив мојот меанар од "Кај спринките" та ни ги мери мецевите. -Путала, Ана Рапус ќе бите само моја!

Брзофатка

Господине, девојката ве сака и сé ќе биде како што треба. А рајата си е раја. Туку блаботи. Друга работа нема.

Кајус

Рагпи, отиме фо дфорот. *(На ѓоспоѓа Брзофаѓка)* Путала, ако не ја топијам Ана Рапус, главецки ќе те ѕитнам от тома. А ти по мене, Рагпи!

Брзофатка

Ќе ја добиете Ана-
(Излеѓувааѓ Кајус и Рагби)
-кога ќе се бричат комарците! Знам јас добро што мисли Ана. Нема жена во цел Виндзор што ги знае поарно од мене мислите на Ана. А и, сполај му на господа, само мојот збор врви кај неа.

Фентон

(Од надвор) Кој е таму, еј?

Брзофатка

А кој мислиш дека е? Ела, сам види.
(Влеѓува ѓазда Фенѓон)

Фентон

А ти си, добра жено! Како ми си денес?

Брзофатка

Многу добро кога вие ме прашувате.

Фентон

Што има ново? Како е убавата госпојца Ана?

Брзофатка

Навистина, господине, таа е убава, чесна и мила, а патем да ви спомнам, и срцето ја трга кон вас, сполај му на господа.

Фентон

Што мислиш, дали ќе успеам? Да не ми даде корпа?

Брзофатка

Што е право, господине, сé е во рацете на Горниот. Но сéедно, господару Фентон, рака сечам дека ве сака. Зарем вие немате бемка над око?

Фентон

Имам, навистина имам. А зошто?

Брзофатка

Лежи тука некој зајак. Со право велат: Мирна вода брег рони! -Ама за неа јас тврдам, чесна е, од чесна почесна. -Цел час зборувавме за таа бемка. Само во нејзино друштво толку многу се смеам. Навистина малку си потпивнува и се занесува. -Ама како за вас-пту, пту - да нечуе злото!

Фентон

Значи, ќе ја видам денеска. Еве, ова се пари за тебе. Кажи ѝ некој убав збор за мене. Ако ја видиш, поздрави ја.

Брзофатка

Ќе ја поздравам како не. А за бемката и за другите што ѝ го фрлиле меракот - другпат, кога ќе се видам со Ана на само.

Фентон

Сега остани со здравје, брзам.

Брзофатка

Со здравје, господине. *(Излеѓува Фенѓон)* Навистина, честит господин; ама Ана не го сака. Само јас знам кај ја трга срцето - Леле, мајко! Што сум заборавена! *(Излеѓува)*

Чин ВТОРИ

Сцена 1

(Влегува госпоѓа Рабуш со писмо в раце.)

Госпоѓа Рабуш

Што? Не примав љубовни писма кога требаше туку сега. Да видам. *(Чита)*
"Не прашувајте ме зошто ве сакам, зашто иако љубовта разумот ја уточнува, таа од него не прима совети. Вие не сте млади; а не сум ни јас. Еве, значи една сродност. Вие сте весели; весел сум и јас. Ха, ха, значи еве и втора сродност. Вие сакате винце, винце сакам и јас. Има ли поголема сродност од оваа? Но нека ве задоволи, госпоѓо Рабуш, - а љубовта на еден војник сигурно може да задоволи, - само тоа што ве сакам. Нема да речам "Сожали се над мене" - ова не му личи на еден војник - туку велам "сакај ме".

Своерачно, твојот витез верен
денонoќно вперен
со погледот во тебе
и постојано спремен
со меч да излезе
за тебе на терен.
Џон Фалстаф"

Иродиште едно еврејско! Расипан, лош свет! Зарем смее едно старо дртало со една нога в гроб да глуми млад заводник? Да му се сневиди, што имам сторено, што имам речено, за ова Фламанско пијаничиште вака да ми се обраќа? Од каде? Ни двапати се немаме видено. Што му имам речено? Господе прости ми ако тогаш го предизвикав со нешто. Ќе поднесам барање до Парламентот да нé заштити од ваквите. Боже кажи ми што да му направам? Мора да му вратам, а ќе му вратам макар во волов рог да се скрие.
(Влегува госпоѓа Плиткавода)

Госпоѓа Плиткавода

Госпоѓо Рабуш, баш на кај вас сум тргната.

Госпоѓа Рабуш

И јас до кај вас идев. Многу насекирана ми се гледате.

Госпоѓа Плиткавода

Баш сум добра. Нешто сте во грешка.

Госпоѓа Рабуш

Не сум. Изгледате лошо, барем мене така ми се чини.

Госпоѓа Плиткавода

Тогаш, нека е по ваше. Ама можам да ви потврдам дека е обратно. О госпоѓо Рабуш, дајте ми ум што да правам!

Госпоѓа Рабуш

Кажувај, жено, што те најде!

Госпоѓа Плиткавода

О жено, да не ми е на пат една ситна пречка што се вика обзир, можам да стигнам до голема чест!

Госпоѓа Рабуш

Батали го обзирот, жено, грабни ја честа. Во што е работата? Ситните пречки на страна.

За што се работи?

Госпоѓа Плиткавода

Кога би се одело в пекол само за викенд, би станала жена на витез.

Госпоѓа Рабуш

Што? Не е возможно! Алиса Плиткавода, благородничка! Ама обично овие витези се кљофнати, затоа поарно е да си останеш во својот сталеж.

Госпоѓа Плиткавода

Да не арчиме време. Еве: читајте, читајте.
(Ѝ дава ѿисмо на ѓосѿоѓа Рабуш)
(Еве ѓледајѿе како можам да сѿанам благородничка).
(Госѿоѓа Рабуш чиѿа)
Сѐ дури имам очи да ги двојам мажите по ликот, дебелите ќе ги сметам за најдолни. А сепак овој не пцуе, ја фали смерноста кај жените, и толку убаво и смислено ја куди секоја непристојност што човек може да се заколне дека чувствата совршено му се поклопуваат со искреноста на зборовите. Но тие се поклопуваат и одат заедно колку што се поклопуваат и одат заедно зборовите на псалмите и нотите на "Три невесте тикве брале". Што луња ќе да беше та го исфрли на брегот виндзорски овој кит со тони лој во мевот? Како да му вратам? Најдобро е да му ја коткам надежта, сѐ дури порочниот оган на похотата не го стопи во сопственото сало. Дали некогаш сте чуле за вакво нешто?

Госпоѓа Рабуш

Писмава се исти од збор до збор, само што едното гласи до Рабуш, другото до Плиткавода.
(*Ѝ ѓо дава на ѓосѿоѓа Плиѿкавода своеѿо ѿисмо)*
За веднаш да се смириш во божемниов резил што нѐ снајде, ти го предавам братот близнак на твоето писмо. Но првин твојот нека се "омрси", зашто мојов, ти велам, нема бел ден да види. Тврдам дека гадов има илјадници вакви писма со празни места за имињата -море и повеќе, а овие му се од второто, дополнето издание.Ги печати, сигурна сум - ама баш му е гајле што става во печат, па сака и нам двете да ни го запечати. Попрво ќе станам жена-џин и ќ е легнам под планината Пелион. Сакам да кажам, госпоѓо, полесно е да најдеш дваесет похотни грлици одошто еден чесен маж!

Госпоѓа Плиткавода

Гледај, како јајце на јајце: истиот ракопис, истите зборови. Што нѐ мисли тој нас?

Госпоѓа Рабуш

Навистина не знам. Ми иди дури да си поиграм со својата чесност. Ќе се преправам дека самата себеси не се познавам; оти, сигурна сум, да не видел нешто во мене за кое самата не сум свесна, никогаш немаше да ми се "качи" на бродот.

Госпоѓа Плиткавода

Да ти "се качи", велиш? Јас не би му "дала" ни на палуба да ми стапне.

Госпоѓа Рабуш

Ни јас. Ако ми го "пикне" носот под палуба, повеќе никогаш нема да испловам. Ајде да му вратиме. Да му закажеме состанок, нека помисли дека го храбриме во додворувањето, па со свилен конец ќе го влечеме за нос сѐ дури не ги заложи коњите кај меанџијата од "Кај шпринките".

Госпоѓа Плиткавода

Важи, прифаќам секаква уџдурма против него која нема да ни ги извалка достоинството и честа. О камо маж ми да го види писмово. Ќе цркне од љубомора!
(Влеѓуваа ѿ ѓазда Плиѿкавода со Пиш ѿол и ѓазда Рабуш со Нем ѿур)

Госпоѓа Рабуш

Еј, еве го доаѓа, а со него и маж ми. Тој е, кутричкиот, далеку од љубомората колку што сум јас од помислата да му дадам повод за неа; а тоа е, верувам, далечина и пол.

Госпоѓа Плиткавода

Тука ме шиете.

Госпоѓа Рабуш

Поарно да помуабетиме уште малку и убаво да му го скроиме на овој мрсен витез. Ела ваму.
(Се повлекуваат)

Плиткавода

Сепак се надевам, дека нема да биде така.

Пиштол

Во некои работи надежта е дванаесетто прасе.
Витезот Џон ја љуби вашата жена.

Плиткавода

Ама, господине, жена ми не е млада.

Пиштол

Тој сака и благородни и прости, и имашни и скудни,
и млади и стари, што ќе падне, лорде.
Тој јаде туршија со шеќер. Варди се, Плиткавода.

Плиткавода

Ја љуби жена ми?

Пиштол

Со сиот жар на џигерот свој. Спречи, спречи го или ко Актеон и ти оди зад чии петици Хилактор му лае.
О, грди се, наденати се грди.

Плиткавода

За што зборувате, господине?

Пиштол

За рогови, говорам. А сега збогум.
Варди; отвори очи; арамии шетаат ноќе.
Варди пред лето да дојде, пред гугутка да гугне, -
Одиме, господине капларе Немтур! - Верувајте Рабуш,
тој умно говори.

Плиткавода

(За себе) Трпение, трпение! Работава мора да се испита.

Намќор

(На Рабуш) Ова е вистината. Не сум од оние што лажат без врска. Тој ме чепна со врска. Требаше да му бидам врска и да ѝ го однесам писмото; ама јас сум маж, и знам машки да застанам кога треба. Тој ја љуби вашата жена. Ова е целата приказна. И точка. Се викам каплар Немтур. Велам, устава ми фаќа пена. Се викам Немтур, а Фалстаф ја љуби вашата жена. Збогум, збогум! Не сакам само леб и вода. Друго сега е во мода! *(Излегува)*

Рабуш

(За себе) Друго било во мода, рече? Кога некој вака под пат над пат ми зборува, знам дека се мрднал.

Плиткавода

(За себе) Ќе го побарам Фалстаф.

Рабуш

(За себе) Смрдеж! Ама тегни, сучи во зборот!

Плиткавода

(За себе) Ако нешто откријам - тогаш...

Рабуш

(За себе) Не му верувам на овој вошкар, па макар господ да слези од небо.

Плиткавода

(За себе) Добар, паметен човек. Не знам. *(Доаѓааш ѓоспоѓа Рабуш и ѓоспоѓа Плиткавода).*

Рабуш

Еј, Мег.

Госпоѓа Рабуш

Каj си тргнал, Џорџ? Чекај да ти кажам. *(Зборуваш на сѿрана).*

Госпоѓа Плиткавода

Што ти е Френк? Нешто ми си скиснат?

Плиткавода

Јас скиснат? Не сум скиснат. Оди дома, оди.

Госпоѓа Плиткавода

Пак ти влегле мушичките! Ќе одиме, госпоѓо Рабуш?

Госпоѓа Рабуш

Идам. - Ќе си дојдеш за вечера, не, Џорџ? *(Влеѓува ѓоспоѓа Брзофашка)*
(На ѓоспоѓа Плиткавода) Гледајте кој иди. Таа ќе ни ги носи пораките кај недокваканион.

Госпоѓа Плиткавода

(На ѓоспоѓа Рабуш) И јас мислев на неа. Ни дојде ко порачана.

Госпоѓа Рабуш

(На Брзофашка) Дојдовте да ја видите ќерка ми Ана?

Брзофатка

Баш така; и како ми е убавата госпојца Ана?

Госпоѓа Рабуш

Влезете со нас и ќе видите. Малку ќе си направиме муабет.
(Излеѓуваш ѓоспоѓа Рабуш, ѓоспоѓа Плиткавода и ѓоспоѓа Брзофашка)

Рабуш

Што сега, газда Плиткавода?

Плиткавода

Чувте, не, што ми рече гадов?

Рабуш

А вие што ми рече другиот.

Плиткавода

Мислите дека не нé лажат?

Рабуш

Море лажат сушат, дегениве. Не му личи на витез ваква подлост. Мислам дека обвинението против него за лошите намери кон нашите жени се завера на тиквари отпуштени од работа што сега горат од желба да му вратат.

Плиткавода

Работеа за него?

Рабуш

Ами како.

Плиткавода

Ова не ми мириса на арно. Тој ноќева "Кај шпринките", не?

Рабуш

Ами каде. Ако му текнало да заплови кон жена ми, ќе го пуштам да ѝ го види брегот; ама ако освен лоши зборови добие и нешто друго, ова другото нека се истури на моја глава.

Плиткавода

Ѝ верувам на жена ми, ама никако не ми фаќа окото да ги видам заедно. А и никогаш не се знае. Знам само дека не сакам ништо да ми порасне на глава. Плукни му се на таквото задоволство.
(Влегува меанџијата од "Кај шпринките")

Рабуш

Еве го, иде надуен меанџијата од "Кај шпринките". Кога е вака весел, ја бочвите му се претураат со вино ја ќесето со пари. Како си, меанџијо?

Меанџијата

Благословен да си, делијо, благословен! Ти си господин со тапија.
(Влегува Шупелко)
Господин судија, еј!

Шупелко

Еве ме, меанџијо, идам. - Добра вечер секоја вечер, газда Рабуш. Газда Рабуш, сакате со нас? Голем сеир ќе гледаме.

Меанџијата

Кажи му, господин судија, кажи му, делијо.

Шупелко

Господине, ќе има двобој помеѓу пречесниот Хју, свештеник од Велс и Кајус, доктор од Франција.

Плиткавода

Меанџијо, само малку.

Меанџијата

Кажи, делијо, фиданбојлио.
(Зборуваат на страна)

Шупелко

(На Рабуш) Ќе дојдете со нас на сеиров? Меанџијата веќе им ги измери мечевите и им договори различни места. Оти слушам дека попчето не знае за мајтап. Слушнете сега што спремаме за сеиров.
(Зборуваат на страна)

Меанџијата

(На Плиткавода) Да не имаш нешто против мојот витез, мојот најоварда муштерија?

Плиткавода

Таман работа. Ве честам шише шампањско само и само да дојдам до него; вие треба да му кажете дека се викам Резил - се работи за шега.

Меанџијата

Еве рака, делијо. Влегувај, излегувај колку ти душа сака - чесно? -И ќе се викаш Резил? Цар е витезот. *(На Шупелко и Рабуш)* Да одиме, султаништа!

Шупелко

Одиме!

Рабуш

Слушам Французов е многу вешт со мечот.

Шупелко

Драпате колчишта, господине. Не ми отворајте уста. Денес е поинаку - се чува отстојание, се говори за пасади, стокади - цела теорија: на срцето се заборава, газда Рабуш; а баш срце треба, не теории. Порано само што ќе замавнев со мечот, по четири мажишта ми играа пиперевка!

Меанџијата

Ајде, бе, мрднете малку!

Рабуш

Мрдаме, мрдаме! Поарно ми е на душа кога се караат а не кога се тепаат.
(Излегуваат Меанџијата, Шупелко и Рабуш)

Плиткавода

Овој Рабуш е од глуп поглуп штом вака цврсто верува во слабоста на жена си. Ама јас не сум лековерен. Била во негово друштво дома кај Рабуша, а што правеле таму, ѓавол знае. Значи, ќе ја испитам добро работава; преправен ќе видам што мати овој Фалстаф. Ако испадне чесна, џабе сум се мачел, ако не испадне, маката не ми била џабе. (*Излегува)*
(Влегуваат Фалстаф и Пиштол)

Фалстаф

Море ни петпаре не ти давам.

Пиштол

Ќе ви вратам сé топтан.

Фалстаф

Ни петпаре.

Пиштол

Тогаш светот за мене е школка и со меч морам да го отворам!

Фалстаф

Ни петпаре. Доста господине, си игравте сајкал, со моето добро име. А што сé не сторив за вас. Им се качив на глава на моите добри пријатели да ви простат три долга вам и на вашиот сопајтонџија Немтур, инаку денеска ќе се sверевте ко два мајмуна-близнаци преку решетки. В пекол ќе горам што се колнев пред моите благородни пријатели дека сте добри војници и решителни фраери. А кога госпоѓа Бригита ја загуби дршката од павкалото, се заколнав во честа дека не е кај тебе.

Пиштол

А зарем не делевме? Зарем не доби петнаесет паричиња?

Фалстаф

Размрдај ја малку, тимбата, ајван. Мислиш толку евтино го давам газот под кирија? Со еден збор, тргни ми се од вратот. Најди си друга бесилка. Да те нема, очите в раце и меѓу рајата на улица Темница број не се гледа, мрш! Неќиш едно писмо да однесеш, а? Под чест ти е, не? Е, ама да знаеш, смрдежу бесчесен, дека дури и јас одвај се придржувам до прописите на честа. Да, да, дури и јас понекогаш кога ќе се најдам во зорт, го оставам стравот од Бога на страна и жртвувајќи ја честа, мафтам, матам, мамам, поткраднувам; а ваму ти, никој и ништо, сакаш да ги скриеш парталите, мачкиниот поглед, "сељачкиот" речник и пис устата под браникот на честа? Е, на, нема!

Пиштол

(Го става мечот в канија)
Јас попуштам. Може ли човек повеќе да стори?
(Влегува Робин)

Робин

Господине, една жена сака да зборува со вас.

Фалстаф

Нека дојде ваму.
(Влегува госпоѓа Брзофатка)

Брзофатка

Добро утро, господине.

Фалстаф

Добро утро, добра жено.

Брзофатка

Тоа не, да ми прости вашето господство.

Фалстаф

Добра девојко, тогаш.

Брзофатка

Се колнам: ко мајка ми што била
првиот час кога ме родила.

Фалстаф

Им верувам на тие што се колнат. Што сакаш?

Брзофатка

Дали ќе ме слушнете да ви кажам збор-два?

Фалстаф

Може и две илјади, убава жено, а јас ќе бидам послушниот.

Брзофатка

Има една госпоѓа Плиткавода, господине - Ве молам дојдете малку поблиску до мене.
(Го тргa Фалстафа на страна)

Јас самата живеам кај господинот доктор Кајус -

Фалстаф

Добро, добро. Госпоѓа Плиткавода, велите.

Брзофатка

Точно како што рековте. Ве молам дојдете малку поблиску.

Фалстаф

Ти тврдам дека никој не слуша. Ова се мои луѓе, мои луѓе.

Брзофатка

Навистина се ваши? Бог да ги благослови и свои слуги да ги направи!

Фалстаф

Значи, госпоѓа Плиткавода: што е со неа?

Брзофатка

Ништо, господине, таа е красно суштество. Боже, боже, ама сте вие невнимателен! Но Господ нека ви прости и вам и на сите нас, молам -

Фалстаф

Госпоѓа Плиткавода, жено, госпоѓа Плиткавода.

Брзофатка

Ова е накусо целата приказна. Не сте свесни на колкава мака ја кладовте. Кога кралската свита дојде во Виндзор, најарниот од сите мажи не ја фрли во такво искушение. А доаѓаа витези, лордови, господа на пајтони; жими очиве, сé пајтон до пајтон, писмо до писмо, подарок на подарок, и мирисаа, залеваа, чиста мискојна; и цели крцкаа, жими сé, во свила и брокат, и говореа кралски,

виното и шеќерот од најдобри сорти, секоја жена тука би паднала; а таа, жими мајка, ни да трепне. И самата утрово добив дваесет златни ангелчиња - ама да ви се плукнам на таквите ангелчиња, што велат, кога не се чесно заработени. И, ви велам, не успеаа да ја убедат да тргне барем едно голтче од чашата на најдоблесниот меѓу нив. А имаше тука и грофови и што е поважно, началници на полиција. Ама, жими вас, никого не кладе на маслат.

Фалстаф

Ама што ми порачува мене? Скрати, скрати, аберџике моја добра.

Брзофатка

Значи, го прими вашето писмо, за кое илјадапати ви благодари, и ви порачува дека маж ѝ нема да биде дома меѓу десет и единаесет.

Фалстаф

Десет и единаесет!

Брзофатка

Точно во толку. Тогаш можете да дојдете, рече, и да ја видите онаа слика, знаете која. Газда Плиткавода, маж ѝ нема да биде дома. Туф, туф, кутричката! Има сé само нема живот со него. Љубоморен е од умот надвор. Нема ден а да не се поткараат. Тешко нејзе!

Фалстаф

Меѓу десет и единаесет. Жено, поздрави ја. Нема да ја разочарам.

Брзофатка

Убаво зборувавте. Но имам уште една порака за вас. И госпоѓа Рабуш најсрдечно ве поздравува. И дозволете ми на уво да ви шепнам: таа е добра, чесна и скромна жена, баш како и секоја друга во Виндзор ако воопшто таква има - секој ден се моли и наутро и навечер - и баш таа ми нареди да ви кажам дека маж ѝ ретко кога не е дома, но се надева дека кога тогаш ќе се реши да излезе. Првпат гледам жена толку спулаена по маж. Ама сте ја шашардисале! Се шекна по вас!

Фалстаф

Е, таков сум! Личноста моја шашардисува! Други арнини немам!

Брзофатка

Од арно да не куртулите!

Фалстаф

А сега кажи ми искрено: дали жената на Плиткавода и жената на Рабуш си кажале една на друга дека ме сакаат?

Брзофатка

Таман работа, господине; не се тие од вчера! Никогаш толку ниско не би паднале, мислам. Не им требаат уџдурми! Но госпоѓа Рабуш би сакала, во знак на љубов, да ѝ го испратите на рабуш, вашиот најмал слуга. Маж ѝ е чудно загудан во малиот; а газда Рабуш навистина е чесен човек. Ниедна жена во Виндзор не живее поубаво од нејзе. Прави што сака, зборува што сака, зема сé, плаќа сé, легнува кога ќе ѝ се присака, станува кога ќе ѝ текне, секогаш е по нејзино. А, рака на срце, ова и го заслужува, оти ако воопшто има чесна жена во Виндзор, тогаш таа е единствената. Мора да ѝ го пратите слугата, трте-мрте со нејзе нема.

Фалстаф

Нема ни да има. Ќе го пратам!

Брзофатка

Тогаш веднаш пратете го; по него можете да разменувате пораки. За секој случај имајте

си некаква јавка за да си знаете што мисли секој од вас, а детето да не сети за што се работи - оти не е добро да ги расипуваме децата од мали. Возрасните, знаете, имаат обѕири, како што се вели, и знаат што прават.

Фалстаф

Тогаш збогум. Поздрави ги двете од мене. Еве ти го ќесето; уште ти должам. -Дете, појди со женава.
(Излегуваат Брзофатка и Робин)
(За себе) Ме распамети веста.

Пиштол

(За себе) Гласничка на Купидон е курвештијава.
Кревај едра! Во потера! Нишани во целта! Пали! Таа ми е плен или на дно ќе потонам!
(Излегува)

Фалстаф

Велиш така, а? Така стојат работите? Тогаш напред! Ќе извлечам поголема полза од старово тело! Гледаш, жениве уште се луди по него! Изгледа најпосле, по толкав арч, и јас ќе имам некакво фајде. А сé благодарение на доброво тело. Тело мое, сполај ти! Нека си брмчат дека си лошо скроено, важно да ми си убаво споено!
(Влегува Намќор со мешина)

Намќор

Витезу Џон, тука е некој господин Резил којшто сака да позборува со вас и да се запознае со вас и ви ја праќа мешинава со винце малку да гуцнете сабајлечки.

Фалстаф

Велиш Резил се вика?

Намќор

Да, господине.

Фалстаф

Нека дојде ваму. *(Тргнува од виното)* Од Резил е, ама не е за резил. *(Излегува Намќор)* Аха! Госпоѓи мои, ве вчопив, а? *(Пие)* Сега ми дојде душата на место! *(Се враќа Намќор со преправениот Плиткавода)*

Плиткавода

За арно за добро, господине.

Фалстаф

Амин, господине. Сакавте да зборувате со мене?

Плиткавода

Си зедов слобода вака апансас да дојдам.

Фалстаф

Повелете. Што сакате? *(На Намќор)* Бркај си работа, крчмарче.
(Излегува Намќор)

Плиткавода

Господине, јас сум господин човек што пропискал многу пари. Се викам Резил.

Фалстаф

Резиле, господине! Сакам подобро да се запознаеме.

Плиткавода

Џоне, витезу, тоа и го сакам - не за да ви бидам товар, зашто, како заjмодавец, сметам дека сé уште сум во подобра позиција од вас; тоа и ме охрабри вака, во невреме, да ви се натрапам; оти велат: парата и железна порта отвора.

Фалстаф

Пара на рака, господине, Мара за рака!

Плиткавода

Така е, а јас имам овде цело ќесе пари што многу ми тежи. Поносете ми го малку, витезу, па земете половина, или цело, како награда за трудот.

Фалстаф

Не знам, господине, со што заслужив да ви бидам амал.

Плиткавода

Ќе ви кажам, господине, ако ме сослушате.

Фалстаф

Зборувајте, добар господине Резил. Со радост ќе ви служам.

Плиткавода

Господине, слушам дека сте учен човек - затоа ќе бидам краток - а и одамна сте ми познат, иако досега, за жал, не најдов начин и лично да имам чест. Ќе ви откријам една тајна и притоа, сакал или не, и една моја слабост; но, господине витезе, слушајте ги со едното уво, ве молам, моите лудости, а другото начулете го кон вашите, за да биде вашиот прекор помал, зашто самите најдобро знаете колку лесно се станува таков престапник.

Фалстаф

Во ред, господине. Продолжете.

Плиткавода

Има една госпоѓа во градов; маж ѝ се вика Плиткавода.

Фалстаф

Па, господине?

Плиткавода

Одамна ја сакам и верувајте ми цело богатство поарџив на неа; ја следев како маѓепсан, ја користев секоја прилика да ѝ придам, плаќав дури и за најмала можност да ја скивнам; не само што ѝ купував подароци, туку и со раширени раце давав за да дознаам што сака да биде дарувана. На кратко, трчав по неа како што трчаше љубовта во мене и за сé ми даваше крила. Но, без оглед што заслужив, по она што го имав на ум или она што го потрошив, знам дека никакво фајде немаше, освен ако искуството не е бесценет камен. Ама и него го купив по баснословна цена, а тоа ме научи да го речам ова: "Љубовта ко сенка бега штом љубов права бараш, го бараш она што бега, а тоа бега од оној што го бара."

Фалстаф

Зарем со ништо и нигде не ви дала надеж?

Плиткавода

Со ништо и нигде.

Фалстаф

А дали ја бркавте во онаа смисла?

Плиткавода

Никогаш.

Фалстаф

За каква љубов тогаш говорите?

Плиткавода

Како за преубава куќа сосидана на туѓо земјиште, која ја загубив зашто го згрешив местото на градба.

Фалстаф

А зошто ова мене ми го кажувате?

Плиткавода

Кога веќе толку ви кажав, како да сум ви кажал сé. Иако госпоѓата изгледа чесно, се говори дека на други места "мрда со опашката" па луѓето тоа поинаку го сфаќаат. Значи, витезу, еве за што се работи. Вие сте господин убаво воспитан, имате однос со луѓето и сте духовит, од високото општество сте, угледен и почитуван, сите ве фалат заради војничките, дворските и академските вештини.

Фалстаф

Немојте, ви се молам, господине!

Плиткавода

Не бидете скромен. Еве ви пари. (Му дава пари) Трошете, трошете; колку што душа ви сака а и повеќе; потрошете сé што имам; за возврат,
од вас да одвоите малку време за да кренеме љубовна опсада околу чесноста на женава на Плиткавода. Употребете ја сета ваша додворувачка вештина, освоете ја, нека ви се даде. Ако некој воопшто може, вие сте најдобриот.

Фалстаф

Дали ова добро ќе се сложува со жестината на вашата страст, јас да го добијам она во кое вие би уживале? Ми се чини дека лекот не ви е погоден!

Плиткавода

О, сфатете ме точно. Таа цврсто се потпира врз безгрешноста на својата честитост па затоа лудоста што ми лежи на срце не смее да излезе на видело. Толку е сјајна што човек не смее ни да ја погледне. Значи кога би можел да ѝ пристапам со некаков адут в раце, желбиве би имале пример и доказ врз којшто би можеле да се засноваат. Тогаш би можел да ја истерам од тврдината на нејзината чистота, угледот, брачната заклетва и илјадниците други одбранбени изговори што сега ко челични браници ми се истопорени на пат. Што велите на ова, витезу Џон?

Фалстаф

Господине Резил, како прво ќе бидам слободен да ви ги земам парите. *(Ги зема парите)* Како второ, еве ви рака. *(Се ракуваат)* И како последно, господ да ме развитези, ако вие, доколку сакате, не се изнауживате во жената на Плиткавода.

Плиткавода

О, добар господине!

Фалстаф

Ви велам, ќе се изнауживате!

Плиткавода

Не берете гајле за пари, витезу, ќе ги имате преку глава.

Фалстаф

Не берете гајле за госпоѓа Плиткавода, господине Резил, ќе ви дојде преку глава. Ќе бидам со неа, ви велам, на состанокот што самата ми го закажа. Таман вие идевте, од кај мене замина жената што таа ја прати. Ви велам ќе бидам со неа меѓу десет и единаесет оти во тоа време не ќе биде дома оној љубоморен серко, нејзиниот маж. Вечерва дојдете кај мене; ќе дознаете како ми оди.

Плиткавода

Среќен сум што ве запознав. А дали го знаете Плиткавода, господине?

Фалстаф

Бесилка знам дека треба за тој сиромав акмак, за тој роглест ајван! Не го знам. А и зошто сиромав. Велат, овој љубоморен ајван лежел на пари, затоа и женчето негово ми е мило. Ќе ја употребам како клуч за да го отворам чекмеџето на роглестиов угурсуз, а после колај работа.

Плиткавода

Сепак поарно е да го знаете, господине, за да го одбегнувате кога ќе го видите.

Фалстаф

На бесилка со тој загулен занаетчија што живее од маштеница! Ќе го дувнам, ќе го исушам! Ќе го удрам ќе го алосам!. Газот ренде ќе му го направам. Три метра в земја ќе го набијам! Господине Резил, ќе видите дека ќе му го спопикам на живаров, а вие ќе легнете со жена му. Дојдете што побрзо вечерва. Плиткавода е простак, а ќе видите господине Резил дека јас на простаков ќе му наденам и рогови. Дојди колку што можеш побрзо. *(Излеѓува)*

Плиткавода

Ајваниште похотно! Срчка ќе ме удри од мака! И некој ќе ми каже дека од ништо љубоморам? Демек туку-така ми текнало. Жена ми му закажала, сатот се знае, состанокот е договорен. Кој маж може ова да го предвиди? Ете ти пекол од неверна жена! Постелата ќе ми се извалка, чекмеџето опљачка, угледот изглода, а мене нема да ме снајде само ова, туку ќе треба да ги трпам и сите гнасни имиња што ќе ми ги надени ајванов што сето ова ми го мести. Имиња! Мимиња! "Велзевут" звучи добро, "Луцифер" звучи добро, "Молох, Мамон" звучат добро; иако се ѓаволи, имиња на врагови! Ама "рогле", "наденат"! "Рогле" - ни ѓаволот нема такво име. Рабуш е магаре, магаре без ум. Тој ѝ верува на жена си. Не сака човекот да биде љубоморен. Попрво би му го доверил мојот путер на некој Фламанец, моето сирење на попот Хју, Велшанинот, моето пагурче со ракија на Ирец, мојот коњ на некој арамија да ми го шета, од колку жена ми да ја пуштам така. Пуштена, таа дума, шеста, пусти штури, кова; и она што ќе го скова в срце, тоа и ќе го оствари па Јана мајка да му е. Сполај му на господа за љубоморава! Значи договорени се во единаесет. Ќе го спречам ова, ќе ја фатам жива оваа мојата, ќе му вратам на Фалстафа и ќе го исмејам Рабуша. А сега на работа. Поарно три часа порано одошто минута предоцна. Господ нека ми е на помош: роглест, наденат, рогле!
(*Излеѓува)*
(Влеѓуваат доктор Кајус и Џон Рагби со мечеви)

Кајус

Sек Ракпи!

Рагби

Господине?

Кајус

Колку часот, Џек?

Рагби

Помина часот, господине, кога пречесниот Хју требаше да дојде.

Кајус

Босе мој, си ја спасил дусата сто не дојден; топро молел своја Пиблија сто не дојден. Босе мој, Ракпи, тој мртов веќе ако дојден.

Рагби

Итар е господине, знаел дека ќе го убиете ако дојде.

Кајус

(Го вади мечот) Босе мој, мртовец не толку мртов како сто јас убијам. Семи мецот, Sек. Јас касам тебе како него убијам.

Рагби

Немојте, господине, не знам да се мечувам!

Кајус

Никаквец, семај мецот!

Рагби

Престанете: некој иде.
(Кајус го става мечот в канија)
(Влегуваат Меанцијата, судијата Шупелко, газда Рабуш и газда Сушко)

Меанцијата

Здрав да си ми, доктор делијо.

Шупелко

Со Господ напред, господин докторе.

Рабуш

Како сте, докторе?

Сушко

Добро утро, господине.

Кајус

Состо сите вие еден, тва, тли, четири дојдени?

Меанцијата

Да те видиме како се бориш, да те видиме како напаѓаш, да те видиме како прободуваш, да те видиме овде, да те видиме онде; да видиме како го задаваш твојот пунто, твојата стоката, твојот реверсо, да ја видиме твојата дистанца, твојот удар озгора. Дали е мртов, Етиопјанине? Дали е мртов, Франческо? А, делијо? Што вели мојот Ескулапиј, мојот Гален, моето срце благородничко, а? Дали е мртов, делијо горномалска? Дали е мртов?

Кајус

Сими бока, тој најголемата попска кукавица на светот. Не сака суратот витам.

Меанцијата

Писоару на кралот од Кастилја, Хекторе грчки, дете мое!

Кајус

Ве молам та ми посведочите дека ко цекав сест- седум, тва- тли часа, а тој не тојтен.

Шупелко

Тој е попаметен од вас господине докторе. Тој лечи души, а вие тела. Ако се тепавте ќе ги скусевте и докторите и поповите. Зарем не сум во право, господине Рабуш?

Рабуш

Господине Шупелко, вие порано бевте голем мегданџија, а сега станавте мираџија.

Шупелко

Навистина господине Рабуш сега сум стар и на страна на мирот, ама и ден денес а видам исукана сабја веднаш ми гапчи газот за бељa. Иако сме судии, доктори и свештеници, господине Рабуш, уште во нас гори пламенот на младоста. И ние сме од мајка родени, господине Рабуш.

Рабуш

Право говорите, господине Шупелко.

Шупелко

А и криво не судам, господине Рабуш. - Господине докторе Кајус, дојдов да ве одведам дома. Јас сум заколнат за мир. Се покажавте како мудар лекар, а пречесниот отец Хју се покажа како мудар и трпелив свештеник. Морате со мене, господине докторе.

Меанџијата

Простете, Судијо. *(На Кајус)* Само збор, м'сје Ебиветер.

Кајус

Ебиветер? Сто е тоа?

Меанџијата

На нашиот англиски јазик, ебиветер значи храбар, делијо.

Кајус

Босе, босе, снаци јас сум ебиветер како Англичаните. Пописте едно краставо! Зими бока, усите ќе му ги исецам!

Меанџијата

Тој има да те изеде за доручек, делијо.

Кајус

Исете са доруцек? Сто е тоа?

Меанџијата

Мислев ќе ти плати обештетување.

Кајус

Зими бока, и јас мислам тој мене иседе са доруцек; јас, зими бока, си го барам!

Меанџијата

А и ќе си го најдеш! Ако не, ај со здравје!

Кајус

Многу ви сум плагодарен.

Меанџијата

И уште, делијо - *(На страна на другиѓе)* Ама првин господине судијо и господине Рабуш и вие господине Сушко, поминете низ град до Фрогмор.

Рабуш

Таму е попот Хју, не?

Меанџијата

Таму е ами каде. Видете во какво расположение е тој, а јас ќе го доведам докторот преку трупа низ поле.Разбравте?

Шупелко

Разбравме.

Рабуш, Шупелко и Сушко

Збогум господине докторе.
(Излеѓуваат Рабуш, Шупелко и Сушко)

Кајус

(Го вади мечоѓ) Зими бока, убијам јас пописте оти полни уси на Ана Рабус са онај тиквар.

Меанџијата

Нека умре. В канија со твоето нетрпение; олади малку. Да одиме преку трупа до Фрогмор низ поле. Ќе те однесам кај госпојцата Ана Рабуш: се гости во една селска куќа; а ти ќе ѝ се додвораш. Важи?

Кајус

(Го ставa мечоѓ в канија) Зими бока, јас вам за ова благодарен. Зими бока, јас ве сакам, и јас донесам кај вас допри гости:

гроф, витес, лортови, госпота, мои пациенти

Меанџијата

А затоа јас ќе ви бидам душман кај Ана Рабуш. Добро реков?

Кајус

Зими бока топро. Отлицно рецено.

Меанџијата

Тогаш да одиме.

Кајус

Иди по мене, Ракпи.
(Излегуваат)

Чин ТРЕТИ

Сцена 1

(Влегуваат попот Хју Еванс (со меч и книга)
и Наивко (ја носи наметката на Еванс))

Еванс

Ве молам, шлуго добар на гажда Шушко
и пријателе мој по името Наивко, каде ше
го баравте гошподинот Кајуш, оној што ше
нарекува доктор по медицина?

Наивко

Секаде, господине. Кон црквата, кон паркот,
кон стариот дел на Виндзор, само кон градот
не отидов.

Еванс

Ве молам, ве молам, побарајте и натаму.

Наивко

Веднаш, господине.
(*Излегува)*

Еванс

(Ја отвора книгата) Ишуше благошлови
ме, полн шум бешови и ше трешам ко прат!
Ќе ми биде мило ако ме излазал. Тазен
шум, тазен! Ќе му ги трешнам мадлаците по
чрпката кога ќе го видам! Бозе, прошти! -
(Пее)
Крај плитки реки, крај чии вали
рашпеани птици пејат мадригали.
Тука ќе курдишаме поштела од рожи
и илјадници мирижливи миможи.
Крај плитки -
Бозе, милошт, ама ми ше плаче! -
(Пее)
Рашпеани птици пејат мадригали. -
Крај водите на Вавилон-
и илјадници мирижливи миможи.
Крај плитки. . .
(Влегува Наивко)

Наивко

Еве го доаѓа. Од онде, оче.

Еванс

Нека повели.
(Пее) "Крај плитки реки крај чии вали -"
Нека Бог го брани праведниот! Сто орузје
има?

Наивко

Никакво, оче. Доаѓа мојот господар, господинот Шупелко со уште еден господин од
Фрогмор. Веќе го поминуваат прелезот и
идат на ваму.

Еванс

Те молам, дај ми ја наметката - или дрзи ја
в раце.
(Чита)
(Влегуваат судијата Шупелко, газда Сушко
и газда Рабуш.)

Шупелко

Како сте, господине попе? Добро утро.
Право чудо е да видиш коцкар без коцка,
научник без книга!

Сушко

(За себе) Ах, убава Ано!

Рабуш

Бог да ве варди, оче.

Еванс

Бог да ве варди и чува, шите ваш.

Шупелко

Што, меч и слово? Да не ги проучувате и обете, оче?

Рабуш

И ко момче: со елек и по сиври на ваков студен, ревматичен ден!

Еванс

Имам причини и поводи.

Рабуш

Дојдовме кај вас, оче, да ви направиме едно добро.

Еванс

Многу топро. Жа што ше работи?

Рабуш

Има онде еден угледен господин. Некој му стапнал на ганглија, па сега врни, грми, пцуе, не знае кој пат да фати.

Шупелко

Сум остарел дури од мерата надвор; ама првпат гледам човек од негов ранг, углед и со толкава ученост вака да се заборави.

Еванс

Што е тој?

Рабуш

Мислам дека го познавате: господин доктор Кајус, познат француски доктор.

Еванс

Зими одот христов по муками! Поарно да ми жборувате жа тикви шо рашол!

Рабуш

Зошто?

Еванс

Тој ништо не жнае жа Хипократ и Гален, а и голем ајван е - кукавича и ајван каков што го нема на векот.

Рабуш

(На Шупелко) Ви велам, со овој човек требаше да излезат на двобој.

Сушко

(За себе) Оф, убава Ано!

Шупелко

Оружјето кажува сé!
(Влегуваат Меанцијата, доктор Кајус и Џон Рагби.)
Држете ги на отстојание - еве го иде доктор Кајус.
(Еванс и Кајус се местат за борба)

Рабуш

А не, оче. мечот в канија!

Шупелко

Исто и вие, докторе!

Меанџијата

Да ги разоружаме па нека расчистат. Поарно нека страда нашиот сирот англиски одошто кожите да им ги видиме на плот!
(Шупелко и Рабуш им ги одземаат мечевите на Кајус и Еванс)

Кајус

(На Еванс) Фе молам, етно сбор фо фасе уфо. Состо не тојте на состанок?

Еванс

(На страна на Кајус) Ве молам жа трпение. *(Гласно)* Ше во швое време!

Кајус

Зими бока, фие кукафица, фие магаре, фир мајмун.

Еванс

(На страна на Кајус) Ве молам, да не им шлузиме жа шеир на луѓево. Шакам да шме пријатели и вака или онака ќе ви дадам обештетување. *(Гласно)* Шими Ишуш, мадлаците ќе ви ги обешам на кикиритка.

Кајус

Дјафол! Ракпи, меанѕио, казете јас цекаф него да упијам? Цекаф на сакасано место?

Еванс

Шими душава ришјаншка, моцко, офа е жакажаното мешто. Нека прешуди меанџијата од "Кај Шпринките".

Меанџијата

Мир пресудувам меѓу Галија и Гелија, меѓу Французинот и Велшанинот, меѓу душолечителот и телолечителот.

Кајус

Топро рецено, отлично.

Меанџијата

Мир, пресудувам. Слушнете го Меанџијата од "Кај Шпринките". Дали сум итер? Дали сум бистар? Дали сум Макиавел? Зарем мојот доктор да го загубам? Никако, без лековите да му ги голтам, ќе си умрам на полпат. Зарем мојот парох да го загубам, мојот поп, мојот отец Хју? Никако, без неговите поговорки, ќе станеме верни поворки. *(На Кајус)* Дај ми ја твојата рака земска - така. (*На Еванс)* Дај ми ја твојата рака земска - така. Чеда мои учени, јас ве измамив обајцата, јас ве упатив на погрешни места. Срцата ви се моќни, кожите на место, вареното вино нека биде исход. *(На Шупелко и Рабуш)* Однесете им ги мечевите на пазар. *(На Кајус и Еванс)* По мене, чеда на мирот, по мене, по мене, по мене. *(Излегува)*

Шупелко

Ама се мрднал Меанџијава! По него, господо, по него.
(Излегуваат Шупелко и Рабуш)

Сушко

(За себе) Оф, убава Ана!
(Излегува)

Кајус

Ха, тали јас топро глетам? Та не напрафифте лутак от мене?

Еванс

Жначи така: ептен нé направи мајмуни. Шакам да бидеме пријатели, да поможгаме жаедно и да му вратиме на овој ајван, на овој рани-кучe -да- те -лае, на овој лајно гажда од "Кај Шпринките".

Кајус

Зими бока, од сéе срце. Тој мене фети кај Ана Рабус однеси. Зими бока, ни Ана ни диабле фидоф.

Еванс

Ќе види тој. Црцките ќе му ги ижвадам. Шледете ме, ве молам.
(Излегуваат)

Сцена 2

(Влегуваат Робин и госпоѓа Рабуш)

Госпоѓа Рабуш

Само напред, џентелеменче. Си навикнало да одиш позади, ама сега треба да водиш. Дали ти е поарно да ми ги водиш очиве или да се џариш со очите во петиците од твојот господар?

Робин

Поарно ми е да одам пред вас одошто него да го следам ко џуџе.

Госпоѓа Рабуш

Гледам дека знаеш да ласкаш! Ќе станеш дворјанин и пол.
(Влегува газда Плиткавода)

Плиткавода

Во прав час, госпоѓо Рабуш. Каде сте тргнале?

Госпоѓа Рабуш

Да се видам со жена ви, господине. Дома е?

Плиткавода

Дома. Не знае што да прави со себе. Ѝ фали друштво. Да ви умрат мажите мислам дека и двете веднаш ќе се премажите.

Госпоѓа Рабуш

Нормално - за други два мажа.

Плиткавода

Од каде ви е убавово петле?

Госпоѓа Рабуш

Не знам точно како се вика господинот што

му го даде на маж ми. - Момче, како ти се викаше витезот?

Робин

Витез Џон Фалстаф.

Плиткавода

Витез Џон Фалстаф?

Госпоѓа Рабуш

Токму така. Постојано му го заборавам името. Маж ми е едно со него! Дома е жена ви или не?

Плиткавода

Дома е, ви реков.

Госпоѓа Рабуш

Дозволете ми, господине, ќе умрам ако не ја видам.
(Излегуваат Робин и госпоѓа Рабуш)

Плиткавода

Дали е Рабуш токму со умот? Има очи? Мисли малку? Изгледа затапил и сите сетила му спијат; џабе му се. Будала! Момчево не е овде да служи за дрвен адвокат! Рабуш ја котка склоноста на жена си; ѝ дава здив и полет на нејзината блудност. А сега еве ја, оди кај жена ми и тоа со момчето на Фалстафа. Гледам ветрево ќе донесе луња. И тоа со момчето на Фалстафа. Ујдурми! Подли ујдурми! А нашите неверни жени вјасаат заедно во пропаст! Ама ќе го вчопам Фалстафа на дело; потоа нејзе грчманикот ќе ѝ го извадам , ќе го тргнам позајмениот дулак чедност од ѓомти-светицата Рабуш, а Рабуша лично резил ќе го сторам како плукнат Актеон; сите комшии до еден, ќе бидат на моја страна.
(Удира часовникоѿ)
Време е. Не ме држи место.Убеден сум сто посто. Како што е опак светот, сигурно и Фалстаф е таму. Одам.
(Влегувааѿ газда Рабуш, судијаѿа Шуѿелко, газда Сушко, Меанџијаѿа, оѿец Хју Еванс, доктор Кајус и Џон Раѓби)

Шупелко, Рабуш и Другите

Во прав час, газда Плиткавода.

Плиткавода

(За себе) Жими крстов, друштвенце и пол! *(На сиѿе)* Кај мене дома е гозба,па ве молам да повелите.

Шупелко

Не ќе можам, газда Плиткавода.

Сушко

Ниту јас, господине. Закажавме вечера со госпојцата Ана, а со неа не сакам да имам давање земање па макар и векот да ми го дадат.

Шупелко

Подолго време се надеваме на склучување брак помеѓу Ана Рабуш и мојот братучед Сушко, а токму денеска треба да го добиеме одговорот.

Сушко

Се надевам дека го имам вашиот благослов, дедо, - овај, господине Рабуш.

Рабуш

Го имате од мене, газда Сушко. *(На Кајус)* Ама не и од жена ми. Господине докторе, таа смета дека вие сте подобра прилика.

Кајус

Та, зими бока, а и тевојката мене сака. Така парем фели Брсопатка, моја домакинка.

Меанџијата

(На Рабуш) А што мислите за младиот господин Фентон? Духовит е, танцува, му играат очињата; пишува стихови, говори светски, мириса на пролет. Тој ќе ја лапне, тој ќе ја лапне; во негови раце е и велам тој ќе ја лапне.

Рабуш

Без мој благослов. Господинот е гол и бос. Се дружеше со она збеснато Крале и со Поинс; тој пука на големо. Сака да биде петел на туѓо буниште. Ако ја земе, нека ја земе без ништо: богатството што го имам чека на мојот благослов, а мојот благослов го давам на друг.

Плиткавода

Добро ама барем неколкумина дојдете со мене дома. Покрај доброто јадење, ќе има и посебна точка:настап на аждаја. Господине докторе, вие секако нема да ме одбиете. Ни вие, газда Рабуш, ни вие оче Хју.

Шупелко

Е па, останете со здравје! *(На страна на Сушко)* Вака многу потрезвено ќе ја бараме девојката од газда Рабуш.
(Излегуваат Шупелко и Сушко)

Кајус

Тома оти, Ракпи; јас феднас итам.
(Излегува Рагби)

Меанџијата

Со здравје, душички. Јас одам кај мојот витез Фалстаф, да дрмнеме малку канарско винце.
(Излегува Меанџијата)

Плиткавода

(За себе) Првин јас ќе го дрмнам по гајдиштето. Има да ми заигра. *(На Рабуш, Кајус и Еванс)* Одиме, народе!

Рабуш, Кајус и Еванс

Одиме! Ајде да ја видиме аждајата!
(Излегуваат)

Сцена 3

(Влеѓуваат ѓоспоѓа Плиткавода и ѓоспоѓа Рабуш)

Госпоѓа Плиткавода

Џон! Роберт!

Госпоѓа Рабуш

Брзо, брзо! Дали кошницата за алишта -

Госпоѓа Плиткавода

Без гајле. - Роберт! Ме слушаш?

Госпоѓа Рабуш

Ајде! Ајде! Ајде!
(Влеѓуваат Џон и Роберѓ, со кошница за алишта)

Госпоѓа Плиткавода

Овде, спуштете ја.

Госпоѓа Рабуш

Кажете им на луѓево што треба да прават. Мора да брзнеме!

Госпоѓа Плиткавода

Значи, како што ви реков. Цело време сте на штрек тука крај пиварницата; кога ќе ме слушнете дека ве викам, веднаш идите и без двоумење ја кревате кошницава на рамења. Потоа, најбрзо што можете ја носите кај перачките на ливадата Дачет, и таму ја празните во батакот крај брегот на Темза.

Госпоѓа Рабуш

(На Џон и Роберѓ) Запаметивте?

Госпоѓа Плиткавода

Стопати им кажав; не можат да згрешат.
-Одете, и дојдете кога ќе ве викнам.
(Излеѓуваат Џон и Роберѓ. Влеѓува Робин)

Госпоѓа Рабуш

Доаѓа малиот Робин.

Госпоѓа Плиткавода

Здраво, пиленце мое гаќесто, што има ново?

Робин

Мојот господар, витезот Џон Фалстаф, влезе од другата врата и бара да го примите.

Госпоѓа Рабуш

Слушај ваму, клукајдрвче, да не му кажа?

Робин

Ни збор, се колнам. Мојот господар не знае дека и вие сте тука. Ми се закани дека ќе ме казни со доживотна слобода, ако нешто ви зуцнам; се заколна дека ќе ме отера во мајчината.

Госпоѓа Рабуш

Ти си добро момче. Знаеш да чуваш тајни, а тоа ти е кројач што ќе ти скрои нов елек и сиври. - Одам да се скријам.

Госпоѓа Плиткавода

Оди. *(На Робин)* А ти оди и кажи му на твојот господар дека сум сама.
(Излеѓува Робин) Госпоѓо Рабуш, не го заборавајте вашиот знак.

Госпоѓа Рабуш

Не се секирај. Ако не одглумам добро, исвиркај ме.

Госпоѓа Плиткавода

Тогаш ајде.

(Излегува госпоѓа Рабуш)
Ќе му покажеме на тоа нездраво мешиште, на тоа гнило чкембиште. Ќе му го втераме умот в глава да знае што е бричено а што стрижено.
(Влегува Фалстаф)

Фалстаф

Те дофатив ли, дијаманту мој небесен? Да, сега можам да умрам оти доволно живеев. На врвот сум од среќата. О, часу неповторлив!

Госпоѓа Плиткавода

О нежен мој витезу Џон!

Фалстаф

Госпоѓо Плиткавода, не знам да мамам; не знам да пљампам, госпоѓо Плиткавода. Сега ќе згрешам во желбата: Сакам маж ти да е мртов. И пред кралот ова би го кажал. Би те направил моја госпоѓа.

Госпоѓа Плиткавода

Јас ваша госпоѓа, витезу? Тогаш дури ќе бидам за жалење.

Фалстаф

Нека покаже францускиот двор подобра. Гледам твоето око е посјајно од дијамант. Твоето чело има вајана убавина на која ѝ прилега превез од гондола, превез од војвотка, или кој било превез шиен по венецијански терк.

Госпоѓа Плиткавода

Бришка, витезу Џон - на моето чело веќе не му прилега ама баш ништо, дури ни обична бришка.

Фалстаф

Жими Господ, сурова тиранка си кон себе кога така зборуваш. Ти би била совршена дворјанка, а твојот цврст чекор би му давал одличен замав на твојот ѓд во здолниште со полуобрачи. Гледам што би била да не ти е среќата душманка како што ти е природата пријателка. Ти велам, тоа не можеш да го сокриеш.

Госпоѓа Плиткавода

Верувај ми, нема кај мене што да се скрие.

Фалстаф

А во што тогаш се заљубив? Нека ова те убеди дека има нешто несекојдневно во тебе. Ете, не умеам да те величам, да кажам ваква си таква си, како многуте лигави педерчиња што доаѓаат ко жени во машки панталони и мирисаат како лански расол на пролет. Не умеам. Ама те сакам, само тебе те сакам;а ти тоа го заслужуваш.

Госпоѓа Плиткавода

Не мафтајте ме, господине. Мислам дека ја сакате госпоѓа Рабуш.

Фалстаф

Поарно да речевте дека сакам да се шетам покрај портата од Затворот а од неа ми се гади како од смрдеата на прдеж од расипан стомак.

Госпоѓа Плиткавода

Небото ми е сведок како ве сакам; а еден ден и сами ќе дознаете.

Фалстаф

Само така продолжи. Сé ќе заслужам.

Госпоѓа Плиткавода

Не, морам да ви кажам, веќе заслуживте; инаку зошто вака би се однесувала.
(Влеѓува Робин)

Робин

Госпоѓо Плиткавода! Госпоѓо Плиткавода! На порти е госпоѓа Рабуш, се поти, фрчи, целата е излезена од ментешиња и бара веднаш да зборува со вас.

Фалстаф

Таа не смее да ме види. Ќе се скријам зад таписеријава.

Госпоѓа Плиткавода

Ве молам, господине; таа дрдори ко навиена.
(Фалсѿаф се скрива зад ѿаписеријаѿа).
(Влеѓува ѓосѿоѓа Рабуш)
Што е со вас? Што се случило?

Госпоѓа Рабуш

О госпоѓо Плиткавода, што сте сториле? За жив резил сте, готови сте, пропаднавте за на век!

Госпоѓа Плиткавода

Оти? Што се случило, госпоѓо Рабуш?

Госпоѓа Рабуш

О црна госпоѓо Плиткавода! Колку чесен маж имате за сопруг, а колку нечесен повод за сомнеж сте му дале!

Госпоѓа Плиткавода

Каков повод за сомнеж?

Госпоѓа Рабуш

Каков повод за сомнеж? Срам да ви е! Ама се излажав во вас!

Госпоѓа Плиткавода

Леле мајко! Кажете веќе еднаш за што се работи.

Госпоѓа Рабуш

Маж ви доаѓа ваму, жено, со сите "фаци" од Виндзор, во потрага по некој господин за кого вели дека, по ваша волја, токму сега е кај вас дома за да го искористи неговото отсуство во валкани цели. Готова сте!

Госпоѓа Плиткавода

Не баш, се надевам.

Госпоѓа Рабуш

Дај боже овде да го немате бараниот господин! Ама дал господ и маж ви доаѓа со половина Виндзор по себе, да го најде дотичниот. Дојдов малку порано да ви кажам. Ако сте чисти, во ред, мило ќе ми биде, ама ако не сте, ако имате некој пријател овде, веднаш нека се чисти, веднаш! Не стојте ко здрвена! Мислете. Бранете си го угледот или збогувајте се за навек со удобниот живот.

Госпоѓа Плиткавода

Што да правам? Имам тука еден господин, многу мил пријател; за него се плашам, а не за срамот што ќе пукне. Од илјада фунти би се откажала само да не е сега тука!

Госпоѓа Рабуш

"Би се откажала", "би се откажала". Кому му е сега важно од што би се откажале? Маж ви само што не стигнал. Смислете веднаш како да го снема пријателот: дома не можете да го скриете. Боже, ама се излажав во вас! Еве, еве една кошница. Ако не е некој од мерата надвор, лесно ќе го собере внатре; и нафрлете валкани алишта на него како да оди на перење. Или - бидејќи баш сега ги белат платната - нека двајца ваши

слуги го однесат на ливадата Дачет.

Госпоѓа Плиткавода

Кај го собира, мори, тука. Леле, што да правам, што да чинам!

Фалстаф

(Се појавува) Да видам, да видам, да видам! Ме собира. Ме собира. Послушајте ја вашата пријателка; ме собира.

Госпоѓа Рабуш

Што, вие витезу? *(На страна нему)* Дали се ова ваши писма, витезу?

Фалстаф

(На страна на госпоѓа Рабуш) Те сакам. Помогни да збришам. Чекај да се напикам овде.
(Влегува во кошницата)
Повеќе никогаш -
Госпоѓа Рабуш и госпоѓа Плиткавода фрлаат валкани алишта врз него

Госпоѓа Рабуш

(На Робин) Помагај да ти го покриеме господарот, момче - Повикајте ги слугите, госпоѓо Плиткавода. *(На страна на Фалстаф)* Угурсуз еден витешки!

Госпоѓа Плиткавода

Џон! Роберт!
(Влегуваат Џон и Роберт)
Веднаш носете ги од овде алиштава. Каде е нарамникот?
(Џон и Роберт го пикаат нарамникот)
Што стоите ко здрвени? Носете ја кошницава кај перачките на ливадата Дачет! Веднаш!
(Тие ја креваат кошницата и тргнуваат.)
(Влегуваат газда Плиткавода, газда Рабуш, доктор Кајус и попот Еванс).

Плиткавода

(На Рабуш, Кајус и Еванс) Ве молам, дојдете поваму. Ако се сомневам без причина, тогаш земете ме на удуду; терајте си мајтап со мене - нема да се лутам. *(На Џон и Роберт)* А вие? Каде ја носите?

Џон

Кај перачките, господине.

Госпоѓа Плиткавода

Што е сега? Гајле ви е и за кошницава? Од кога почна да ве боли глава и за перењето? Да не ви растат рогови?

Плиткавода

Перење? Камо да можам главата да си ја исперам па да ми ги снема! Елен! Елен! Елен? Да, елен со рогови, тврдам, елен со рогови. А и зрел е, азер е за парење.
(Излегуваат Џон и Роберт со кошницата)
Господа, сонив сон ноќеска. Ќе ви го кажам попосле. Еве, еве, еве ви ги клучевите. Одете горе низ одаите, барајте, пустете, штурете. Ви тврдам ќе го истераме лисецот на видело!Првин да му заклучам овде.
(Ја заклучува вратата)
А сега, по него!

Рабуш

Полека малку, господине Плиткавода. Зарем до тука дојдовте?

Плиткавода

Дојдов, дојдов, господине Рабуш! Горе, господа! Таму ќе биде што ќе биде. По мене, господа! *(Излегува)*

Еванс

Ше помештил гошподинов од љубомора!

Кајус

Зими бока, вака не фо Франс; љупомора не фо Франс.

Рабуш

Одиме по него, господа. Да го видиме циркусов до крај.
(Излегуваат Кајус, Еванс и Рабуш)

Госпоѓа Рабуш

Убава, слатка двојна убавино!

Госпоѓа Плиткавода

Не знам која повеќе ме рани: дали што се зафркна маж ми или што се зезна витезот.

Госпоѓа Рабуш

Ама му беше фуфка кога маж ви праша што има во кошницата!

Госпоѓа Плиткавода

После ова сигурно му треба капење. Ќе ни биде благодарен што ќе го фрлат во вода.

Госпоѓа Плиткавода

На бесилка со мајмунов нечесен! Камо сите како него вакво капење да дочекаат!

Госпоѓа Плиткавода

Досега не сум го видела маж ми вака споулавен. Ко да знаеше дека Фалстаф е тука.

Госпоѓа Рабуш

Ќе поставам стапица за да откриеме. А со Фалстафа уште не сме завршиле. Неговата развратна болест тешко се лечи со една доза.

Госпоѓа Плиткавода

А да ја пратиме онаа гуска Брзофатка кај него и да му се извиниме за фрлањето во вода? Така ќе добие нова надеж, а тогаш е лесно да го намамиме во нова клопка.

Госпоѓа Рабуш

Одлично. Да му порачаме да дојде утре во осум сабајле за да му се извиниме.
(Влегуваат Плиткавода, Рабуш и Еванс)

Плиткавода

Го нема никаде. Пезевенк! Работава ми личи на онаа народната: кој се фали не пали.

Госпоѓа Рабуш

(На страна на госпоѓа Плиткавода)
Слушнавте што рече?

Госпоѓа Плиткавода

Ама фино се однесувате со мене, господине Плиткавода.

Плиткавода

Фино, ами како!

Госпоѓа Плиткавода

Да даде господ Финска да фатите!

Плиткавода

Амин!

Госпоѓа Рабуш

Сами резил се правите, господине Плиткавода.

Плиткавода

Така е, сега треба да се издржи.

Еванс

Ако има некого во куќата, во одаите, во ковчежите, долапите, бог нека ми шуди на шудниот ден!

Кајус

Зими бока, и мене. Нема никој!

Рабуш

Да му се сневиди, господине Плиткавода, не ви е срам? Ѓаволот да не ве дупчи? Цацко да не ви го мати умот? За сето азно виндзорско нема вака да се насамарам.

Плиткавода

Моја грешка, господине Рабуш, моја мака тешка.

Еванс

Мака тешка од шовешт шешка, гошподине. Вашата шопруга е најчешна во чела Англија. Море не! Во чел Винџор.

Кајус

Зими бока, гледам таа цесна зена.

Плиткавода

Ви ветив гозба. Ве молам повелете, прошетајте се малку на воздух. Простете ми, ве молам. Подоцна ќе ви објаснам зошто го сторив ова. - Ајде жено; повелете госпоѓо Рабуш. Ве молам простете. Од срце ве молам.

Рабуш

(На Кајус и Еванс) Да појдеме, господо. *(На страна Нетур)* , Ама ви тврдам, пак ќе имаа лакрдии. *(На Плиткавода, Кајус и Еванс)* Ве канам утре сабајле кај мене на доручек. Потоа, ќе ловиме птици. Имам страшно сокле за летање. Бива така?

Плиткавода

Бива.

Еванс

Тогас јаш шум вториот.

Кајус

А јас третиот.

Плиткавода

Ве молам повелете, господине Рабуш.
(Излегуваат сите освен Еванс и Кајус)

Еванс

От шега ве молам, да не го жаборавите утре оној вослив ајван, нашиот гоштилничар.

Кајус

Никако, зими бока; само на тоа ќе мислам!

Еванс

Ајван ајваношан! Тој наш така ќе нé дупи!
(Излегуваат)

Сцена 4

(Влегуваат газда Фентон и Ана Рабуш)

Фентон

Гледам на татко ти друг му е планот
затоа не праќај ме веќе кај него, мила Ано.

Ана

Што да се прави?

Фентон

Ќе мора да решиш сама.
Не му е право што сум од превисок род.
Вели дека состојбата своја, многу бедна
од расипништво, со негови пари сакам
да ја закрпам. А ми префрла и за друго - за
веселбите стари, дружбите блудни; и ми вели
дека во тебе гледам само начин да дојдам
повторно до пари.

Ана

Можеби вистината ја кажува татко!

Фентон

Тогаш Бог да не ми даде бел ден да видам!
Иако признавам азното на твојот татко ми
беше повод да те побарам, Ана, но, просејќи
те, видов дека вредиш повеќе од торби
полни злато; и само раскошот твој личен
сега го љубам.

Ана

Господине мил, сепак првин треба
татко ми да го придобиете; него првин гос-
подине. А ако понизната молба не помогне,
е, тогаш - ќе сториме вака - *(Зборуваат на страна)*
(Влегуваат судијата Шупелко, газда Сушко (дотеран) и госпоѓа Брзофатка)

Шупелко

Нека прекинат со разговорот, госпоѓо Брзо-
фатка. Мојот роднина има уста сам да
зборува.

Сушко

Ќе пуштам стрела па кај ќе удри нека удри.

Шупелко

Не сраметe се.

Сушко

Мечка страв мене нестрав..
Тука сум на чисто. Само по малку ми е
фуфка.

Брзофатка

(На Ана) Слушнете, газда Сушко сака со вас
да зборува.

Ана

Еве веднаш. *(На Фентон)* Ова е изборот на
татко.
О, колку едно море наказанија грди
го разубавуваат приходот од триста фунти!

Брзофатка

Како сте господине Фентон? Ве молам, имам
нешто да ви кажам.
(Го тргa Фентона на страна)

Шупелко

Еве ја иде. Напред, роде! Момче, ама татко
четворен имаше!

Сушко

Четворен татко имав, госпојце Ана; вујко ми
со денови може за него да ви прикажува. -Ве
молам вујче, кажете ѝ на госпојца Ана како
татко ми украл две гуски од кокошарник и

пак жив останал?

Шупелко

Госпојце Ана, мојот роднина ве сака.

Сушко

Да, точно, баш како што го сакам кое било женско во Глостер.

Шупелко

Покрај него ќе живеете на висока нога.

Сушко

Токму така, јас сум дебело "нафатиран" велможа.

Шупелко

Ќе пренесе на вас сто и педесет фунти приход.

Ана

Господине Шупелко, оставете го, ве молам, сам да ме проси.

Шупелко

Тоа и го правам, госпојце. Ви благодарам за помошта. -Вас ве бара, роде. Ќе ве оставам. *(Застанува на страна)*

Ана

Значи, господине Сушко.

Сушко

Значи, госпојце Ана.

Ана

Што ви е аманетот?

Сушко

Аманетот? Ама сте биле вие мајтапџика. Сполај му на бога, не ми потребало да го составам. Уште не сум гробу на врата!

Ана

Мислев, господине Сушко, што сакате од мене?

Сушко

Што се однесува до мене, навистина не сакам речиси ништо од вас. Татко ви и вујко ми нешто тука матеа. Ако ми била среќа, арно. Ако не, здравје боже. Тие можат подобро да ви кажат што мателе.
(Влегуваат газда Рабуш и госпоѓа Рабуш)
Прашајте го татко ви: еве го доаѓа.

Рабуш

Господине Сушко. -Сакај го, ќерко Ана. -
Што е ова? Што прави газда Фентон овде? Навреден сум, господине, што уште се мат-кате
кај нас. Ви реков, ќерка ми е дадена на друг.

Фентон

Полека, господине Рабуш, смирете се.

Госпоѓа Рабуш

Господине Фентон, понастрана од ќерка ми.

Рабуш

Таа не е за вас!

Фентон

Слушнете ме, господине!

Рабуш

Нема што да ве слушам. Повелете сега

господине Шупелко; повели синко Сушко внатре. -
Јас кажав што кажав, Фентон. Зборот назад не го враќам!
(Излегуваат Рабуш, Шупелко и Сушко)

Брзофатка

(На Фентон) Зборувајте со госпоѓа Рабуш.

Фентон

Добра госпоѓо Рабуш, затоа што ќерка ви ја љубам
на најисправен и најискрен можен начин,
и покрај традицијата, прекорите и сите брани
морам да го развеам барјакот на мојата љубов
и да не се повлечам. Бидете на моја страна.

Ана

Мајчице мила, не давај ме за оној шутрак.

Госпоѓа Рабуш

Не те давам; поарен маж за тебе барам.

Брзофатка

(На страна на Ана) А тоа е мојот господар, господинот доктор.

Ана

Поарно жива да ме закопате в земја
и репи на глава да ми растат!

Госпоѓа Рабуш

Полека. Средете се, господине Фентон.
Јас не ви сум ни пријател ни душман.
Ќе видам првин колку ќерка ми ве сака,
како ќе каже таа, така веројатно и ќе биде.
До тогаш, збогум, господине. Таа мора дома.
Татко ѝ ќе се лути.

Фентон

Збогум добра госпоѓо. Збогум Ана.
(Излегуваат госпоѓа Рабуш и Ана)

Брзофатка

Гледате како работам? "Не," ѝ реков, "ќе си го фрлиш чедото во устата на оној акмак, на оној доктор? Погледнете го малку господинот Фентон." Ете, баш така работам.

Фентон

Благодарам, *(ѝ дава прстен)* и те молам вечерва уште дај ѝ го прстенов на Ана. *(ѝ дава пари*) Еве за трудот.

Брзофатка

Добра среќа нека небото ви прати!
(Излегува Фентон)
Добро срце има. Жените скокаат в оган и во вода по такво срце. Сепак сакам господарот мој да ја добие Ана; или газда Сушко; или навистина газда Фентон. Ќе сторам што можам за сите тројца, оти така ветив, а ветеното го исполнувам - особено кога ќе му ветам на газда Фентон. А сега морам по друга работа до витезот Џон Фалстаф со пораката од двете госпоѓи. Мразам кога намерно заборавам!
(Излегува)

Сцена 5

(Влегува Џон Фалстаф)

Фалстаф

Намќор, реков!
(Влегува Намќор)

Намќор

Повелете, господине.

Фалстаф

Донеси ми бокал вино; со пржено лепче внатре. *(Излегува Намќор)* Дочекав да ме носат во кошница како коски од касапница и да ме фрлат во Темза! Ако пак некој вака ме наседне, нека ми го извадат мозокот, нека го здропчкаат и нека му го фрлат на некое куче за Божик. Гадовите ме џитнаа в река без никаква грижа на совест небаре фрлаа слепи кученца кога кучката петнаесет ќе окоти! А лесно на мене се гледа дека сум тип што брзо тоне. Дното да е во пеколот, сигурно ќе го допрам. Ќе се удавев да не беше брегот каменест и плиток -смрт што ја мразам, оти водата дуе, а на што би личел јас кога уште и би се надул? На труп ко планина, скраја да е.
(Влегува Намќор со два бокала вино)

Намќор

Дојде госпоѓа Брзофатка, господине. Сака да зборува со вас.

Фалстаф

Чекај, првин да долеам малку шпанско винце на темзиново водиште, оти мевот ми е студен како да сум голтнам грутки снег место апчиња за бубрези.
(Пие вино)
(Сега може да влезе.)

Намќор

Влези, жено!
(Влегува госпоѓа Брзофатка)

Брзофатка

(На Фалстаф) Со ваша дозвола; боже поможи. Ви посакувам добро утро!

Фалстаф

(Пие а потоа на Намќор) Тргај ми го ова ѓубре. Донеси ми вино за луѓе.

Намќор

Со јајца, господине?

Фалстаф

Без. Нећам пилешко семе во пијачката. *(Излегува Намќор)* Значи?

Брзофатка

Кај вас, господине, ме испраќа госпоѓа Плиткавода.

Фалстаф

Госпоѓа Плиткавода? Преку таквото ми е од плитка вода: ме фрлија во плитка вода, мевот ми е подуен од плитка вода.

Брзофатка

Денот да не ме осуни ако, сиротата, е крива. Само да знаете како ги кастри сега слугите; грешно ја разбрале, идиотите. Ги построи и ги здрви.

Фалстаф

Им го дрви? Исто како и мене. Морон! Градев врз ветувањето на глупа жена.

Брзофатка

Срцето ќе ве заболи, господине, да ја видите како умира сега од мака. Маж ѝ оди сабајлево на лов. Таа ви порачува уште еднаш да отидете кај неа помеѓу осум и девет. Морам брзо да ѝ кажам. Ќе ве обештети, ви тврдам.

Фалстаф

Добро, ќе ја посетам. Кажи ѝ така и натерај ја да подразмисли што е човекот; нека види кои му се слабостите, а дури потоа нека ми суди за заслугите.

Брзофатка

Ќе ѝ кажам.

Фалстаф

Стори така. Помеѓу девет и десет, велиш?

Брзофатка

Осум и девет, господине.

Фалстаф

Добро, оди! Ќе бидам таму!

Брзофатка

Бидете поздравени, господине.
(Излегува)

Фалстаф

Нешто ми го нема господинот Резил; рече дека овде ќе дојде. Изгорен сум по неговите пари.
(Влегува господинот Плиткавода преправен како Резил)
Опаа, еве го доаѓа.

Плиткавода

Здраво живо, господине.

Фалстаф

Значи дојдовте, господине Резил, да дознаете што се случи меѓу мене и жената на Плиткавода?

Плиткавода

Така е, витезу Фалстаф, токму затоа сум дојден.

Фалстаф

Господине Резил, ќе бидам искрен со вас. Бев дома кај нејзе во закажаниот час.

Плиткавода

И како ви одеше, господине?

Фалстаф

Многу терсене, господине Резил.

Плиткавода
А зошто? Да не се предомислила?

Фалстаф

Не, господине Резил, ама она душкало со рогови, нејзиниот маж, господине Резил, што живее во хронична треска на љубомора, ете ти го наеднаш ко паднат од небо точно во клучниот миг на нашата средба - веќе се имавме гушнато, бакнато, речено дека се сакаме, со други зборови таман ја завршивме предиграта - а со него цела сурија негови чапкуни, довлечкани за уши од неговата чукнатост да ја превртат куќата наопаку и да го најдат манукот на жена му.

Плиткавода

Што? Цело време бевте таму?

Фалстаф

Цело, цело, ами како!

Плиткавода

А тој ве побара и не ве најде?

Фалстаф

Стрпете се, ќе ви кажам. Наеднаш, за среќа, се појавува некоја си госпоѓа Брзофатка, кажува за ненадејното појавување на Плиткавода и малку заради нејзината снаодливост, а повеќе заради сметеноста на жената од Плиткавода, ме пикаат во една кошница за алишта -

Плиткавода

Во кошница за алишта?

Фалстаф

Жими господ, во кошница за алишта! - Ме настегаа внатре заедно со валканите кошулишта, ѕивришта, смрдливи чорапишта, мрсни крпишта така што, господине Резил, се створи најгнасната збирштина од одвратен баздеж каков што не сетиле ноздринките на најсмрдливиот питач во Англија!

Плиткавода

И колку време останавте во неа?

Фалстаф

Малку трпение, господине Резил и ќе чуете низ што сé поминав да ја наведам, за ваше добро, женава на зло. Така, значи, пикнат во кошницата, двајца нејзини ајвани, угурсузи угурсозани, по нејзина заповед, дојдоа да ме однесат ко ѓомити нечисти алишта на ливадата Дачет. Ме кренаа на рамења, и ме занесоа право пред носиштето на љубоморниот црв, нивниот господар којшто еднаш или двапати ги праша што носат во кошницата. Се стресов од страв да не полудениот калап нешто буричне внатре, ама судбината која го одреди да си носи рогови, му ја задржа раката. Така, тој замина со потерата, а јас со валканите алишта. Ама слушнете, господине Резил, што бидна понатаму. Ги претргав маките од три различни смрти. Прво, неподнесливиот страв да не ме фати жив одвратниот љубоморен прч. Второ, што како добар шпански меч бев свиткан како некој црв, балчакот до врв, газот преку глава. И трето, што ме затнаа, како јака препеченица со чеп, среде смрдените алишта што се распаѓаа во сопствената нечистотија. Замислете само - човек граден како мене- замислете само - што можам да изгорам ко влакно, човек што постојано се топи и се распаѓа. Чудо е како не се загушив. И кога давењето веќе ја прекардаши, кога бев повеќе од половина сварен во масло како некое холандско јадење, кога зоврев и почнав да клокотам - плаааас! Ме фрлија во Темза да се изладам онака вжарен како коњска потковица. Замислете само - чврчкав како сланина - само замислете, господине Резил!

Плиткавода

Замислувам, замислувам, господине. Жал ми е за сé што претргавте заради мене. Значи љубовта ми оди по петлите. Сега сигурно ќе ја оставите на рајат.

Фалстаф

Господине Резил, во Етна да ме фрлат како што ме фрлија во Темза, нема да ја оставам на рајат. Маж ѝ сабајлево отиде да лови птици. Таа повторно ми закажа. Средбата е помеѓу осум и девет, господине Резил.

Плитковода

Сега е осум и пол, господине.

Фалстаф

Кога дојде толку? Веднаш одам. Дојдете кога ќе ви одговара да видите како напредувам; крајот го краси делото: ќе ја имате. Збогум. Ќе ја имате, господине Резил; господине Резил, рогови ќе му набиете на Плит-

кавода.
(Излегува)

Плиткавода

Хм! Ха! Токму сум или не сум? Сонувам или не? Дали спијам? Плиткаводо, господине, разбуди се! Разбуди се, газда Плиткаводо! Некој ти го спопикал на невидено, газда Плиткаводо. Така ти е кога си женет. Така ти е кога имаш алишта за перење и кошници за перење! Ама сега мора да бидам она што сум. Ќе го фатам жив развратников. Дома ми е. Не може нигде да бега; нема како. Не го бери ни в пиперник ни в соларник. Ќе го пребарам секое катче, секое невозможно место. Пссст! Само да не чуе ѓаволот, помошникот негов. Не можам да избегам од она што сум, ама од она што не сакам да бидам, мир нема да имам. Ако ми набијат рогови за бодење, тогаш ќе бодам до лудило.
(Излегува)

Чин ЧЕТВРТИ

Сцена 1

(Влегуваат госпоѓа Рабуш,
госпоѓа Брзофатка и Вилијам Рабуш)

Госпоѓа Рабуш

Мислиш дека е веќе кај госпоѓа Плитка-вода?

Госпоѓа Брзофатка

Сигурно е, или секој миг ќе биде таму. Ама навистина е ептен лут заради она фрлање во вода. Госпоѓа Плиткавода ве моли веднаш да одите кај неа.

Госпоѓа Рабуш

Еве одам. Само да го однесам младиов господин на училиште.
(Влегува отец Хју Еванс)
Еве доаѓа неговиот учител. Денес како нешто да се празнува. - Оче Хју, не работите денес?

Еванс

Не, гажда Шушко шреди децата да поиграат.

Брзофатка

Ретки се таквите како него!

Госпоѓа Рабуш

Оче Хју, маж ми вели дека учењето ич не му оди од рака на син ми. Ве молам распрашајте го малку латински.

Еванс

Дојди ваму, Вилијам; горе главата. Дојди.

Госпоѓа Рабуш

Ајде синко. Горе главата. Одговори му на учителот; не се срами.

Еванс

Вилијам, колку броеви има кај именките?

Вилијам

Два.

Брзофатка

А јас мислев дека има еден број повеќе, оти велат: Бог помага до трипати.

Еванс

Прештанете да трешете глупошти! - Како ше вели "прелештна" на латиншки, Вилијам?

Вилијам

"*Pulcher*".

Брзофатка

Пре-лесна? Бог да нé варди од прелесни жени.

Еванс

Ти ши многу прошта шена. Те молам, шмири ше. - Што жначи "lapis", Вилијам?

Вилијам

Камен.

Еванс

А што жначи "камен", Вилијам?

Вилијам

Чакал.

Еванс

Не, жначи "lapis". Те молам жапамети добро.

Вилијам

"Lapis".

Еванс

Одлично, Вилијам. А кој, Вилијаме, пожајмува членови?

Вилијам

Членовите се позајмуваат од заменки и вака се менуваат: *Singulariter nominativo: "hic, haec, hoc".*

Еванс

Nominativo: hig, hag, hog. Те молам, пажи: *genitivo: huius.* А како е во акужатив?

Вилијам

Accusativo: hinc -

Еванс

Ама те молам жапамети дете. *Accusativo: hing, hang, hog.*

Брзофатка

Ова кинг-конг, хонг конг или пинг-понг на латински значи кременадла, ви тврдам.

Еванс

Не драпај колчишта, жено! - А вокатив, Вилијам?

Вилијам

О - *vocativo, O -*

Еванс

Жапомни, Вилијам, вокатив е морковум.

Брзофатка

Морков! Добар е за очите!

Еванс

Жамолчи, жено.

Госпоѓа Рабуш

(На Брзофаш̄ка) Мир!

Еванс

А како глаши дативниот падеш во мнозина од *curvus,* Вилијаме?

Вилијам

Дативниот падеж?

Еванс

Да.

Вилијам

Dativus: curvum, curva, curvi.

Брзофатка

Курва секогаш "паѓа" во "датив". Гаден род! Заборави ѝ ја, дете, именката ако е курва.

Еванс

Шрам да ти е, зено!

Брзофатка

Само губите време што ги учите децата на такви зборови. Заборавате дека тие самите многу побрзо ги учат. Ајде добро, курва. Ама зошто и курви? Како не ви е срам!

Еванс

Зено, да не ши ше мрднала? Жарем ништо не жнаеш жа твоите "падежи", "бројот" и "видот"? Дошега не шум шретнал волку крштена утка!

Госпоѓа Рабуш

(На госпоѓа Брзофатка) Доста мори!

Еванс

А шега каши ми, Вилијаме, како ше менуваат жаменките?

Вилијам

Заборавив, господине.

Еванс

Quik, quak, quok. Ако жабораваш да квичиш, квачиш и квочиш, тогаш гажот ќе ти жапамети. А шега оди да ши поиграш; ајде.

Госпоѓа Рабуш

Убав на мајка! Ама знаел!

Еванс

Жнае, жнае, детето. Многу е шилен во помнењето. Жбогум госпоѓо Рабуш.

Госпоѓа Рабуш

Збогум, оче Хју.
(Излегува Еванс)
Одиме дома, синче.
(Излегува Вилијам)
(На Брзофатка) Одиме, премногу се задржавме.
(Излегуваат)

Сцена 2

(Влеѓуваат Фалсѓаф и ѓосѓоѓа Плиѓкавода)

Фалстаф

Госпоѓо Плиткавода, сожалбата ваша ги голтна сите мои маки. Гледам дека сте ми верни во љубовта, а јас се колнам дека џентлменски ќе ви возвратам: не само, госпоѓо Плиткавода, во простата служба на љубовта туку со сите нејзини додавки, наддавки и должности. Но дали сме сега безбедни од маж ви?

Госпоѓа Плиткавода

На лов е, витезу сладок.

Госпоѓа Рабуш

(Од надвор) Ej, сестро, сестро Плиткаводо, ej!

Госпоѓа Плиткавода

Во спалната, витезу.
(Фалсѓаф влеѓува во сѓалнаѓа. Влеѓува ѓосѓоѓа Рабуш.)

Госпоѓа Рабуш

Здраво живо, сестро, сама си?

Госпоѓа Плиткавода

Сама. Нема никој освен домашните.

Госпоаѓа Рабуш

Навистина?

Госпоѓа Плиткавода

Навистина. *(На сѓрана)* Зборувај погласно.

Госпоѓа Рабуш

Навистина ми е мило што немаш никого дома.

Госпоѓа Плиткавода

Зошто?

Госпоѓа Рабуш

Како зошто, жено, на маж ти пак му влегле мушичките. Ене го онде со маж ми, пцуе, врни, ги колне сите женети и сите ќерки Евини без оглед на бојата, се чука по чело и вика "Никнете, никнете!". Многу лудила сум видела ама во споредба со растројството негово сегашно, сите ми се чинат кротки, смирени и трпеливи. Среќа што дебелиот витез не е тука.

Госпоѓа Плиткавода

Зошто, да не го споменува него?

Госпоѓа Рабуш

Само него и никој друг; и се колне дека го изнеле, последниот пат кога го барал овде, во кошница; го убедува маж ми дека и сега е овде, ги довлечкал него и другите од лов за уште еднаш да го провери својот сомнеж. Ама мило ми е што витезот не е овде. Нека види дека сам од себе се прави будала.

Госпоѓа Плиткавода

А колку е далеку одовде?

Госпоѓа Рабуш

Ене го на аголот од улицата. Само што не стигнал.

Госпоѓа Плиткавода

Готова сум: витезот е овде.

Госпоѓа Рабуш

Тогаш посрамотени сте за навек, а тој е мртов човек. Каква жена сте вие! Тргајте го, тргајте го! Поарно срам одошто убиство.

Госпоѓа Плиткавода

А каде? Кај да го пикам? Пак да го настегам в кошница?
(Фалстаф излегува од спалната)

Фалстаф

А не, повеќе не се пикам в кошница. А некако да киднам пред да дојде?

Госпоѓа Рабуш

Никако. Тројцата браќа на господинот Плиткавода вардат на вратата со пиштоли. Пиле не може да прелета.Инаку би можеле да му ја здувнете пред да дојде. А што правите, всушност, вие тука?

Фалстаф

А што да правам? Ќе се скријам во оџакот.

Госпоѓа Плиткавода

Таму секогаш ги празнат пушките по ловот.

Госпоѓа Рабуш

А да се скриете во фурната?

Фалстаф

Каде е?

Госпоѓа Плиткавода

И таму ќе sирне, ви тврдам. Нема долап, чекмеџе, ковчег, сандук, бунар, визба што не се од него запишани за да ги помни. Ќе ги пребара по список. Дома нема каде да се скриете.

Фалстаф

Тогаш ќе одам надвор.

Госпоѓа Рабуш

Ако отидете надвор вакви какви што сте, ве чека смрт, витезу - освен ако не се преправите.

Госпоѓа Плиткавода

А во што да го преправиме?

Госпоѓа Рабуш

Натемаго, не ми текнува. Во ниеден женски фустан не го собира; инаку би можел да си стави капела, шал, да се забради со шамија и така да се спаси.

Фалстаф

Душички добри, смислете што било. Само жива глава да извлечам.

Госпоѓа Плиткавода

Горе имам фустан од тетката на мојата слушка, онаа дебелата од Брентфорд.

Госпоѓа Рабуш

Таман ќе му биде; колку него е дебела; таму ѝ е и капелата со превез и шалот. - Трчајте горе, витезу.

Госпоѓа Плиткавода

Одете, одете, сладок витезу. Во меѓувреме, госпоѓа Рабуш и јас ќе ви најдеме и шамија.

Госпоѓа Рабуш

Брзо, брзо! Веднаш идиме да ве преоблечеме. Дотогаш натнете го фустанот.
(Излегува Фалстаф)

Госпоѓа Плиткавода

Баш би сакала ваков да му излезе на маж ми пред очи. Не може да ја смисли онаа старица од Брентфорд. Тврди дека е вештица, ѝ забрани да ни доаѓа в куќи, па дури ѝ се закани дека ќе ја тепа.

Госпоѓа Рабуш

Бог нека го довлечка пред стапот на маж ти, а потоа ѓаволот нека го превземе стапот!

Госпоѓа Плиткавода

Дали навистина иде маж ми?

Госпоѓа Рабуш

Иде ами како и зборува за кошницата, иако не знам како дошикал.

Госпоѓа Плиткавода

Ќе го испитаме и тоа, оти ќе им наредам на слугите пак да ја носат кошницата за да ги сретне на врата како минатиот пат.

Госпоѓа Рабуш

Ама тој само што не дошол. Да го преправиме сепак Фалстафа како вештицата од Брентфорд.

Госпоѓа Плиткавода

Првин ќе им кажам на слугите што да направат со кошницата. Ти качи се горе; веднаш ќе најдам и шамија за него.

Госпоѓа Рабуш

Да даде господ да го обесат, прасе едно недозгоено! Што да му направиме, малку ќе му биде!
(Излегува госпоѓа Плиткавода)
Еве ќе докажеме во играва што се бистри жените може да се весели а сепак чесни и чисти.
Лошо не правиме, се шегуваме, си играме саде но по народната: На крајот сепак - свињата помијата ја јаде. *(Излегува)*
(Влегуваат госпоѓа Плиткавода со Џон и Роберт)

Госпоѓа Плиткавода

Ајде момци, кренете ја пак кошницата на рамена. Господарот е речиси на врата. Ако ви каже да ја спуштите, послушајте го. Брзо, одете!
(Излегува)

Џон

Кревај, кревај, така!

Роберт

Не дај боже пак да е внатре витезот.

Џон

Не дај боже; поарно да е полна олово.
(Ја креваат кошницата.)
(Влегуваат газда Плиткавода, газда Рабуш, доктор Кајус, отец Еванс и судијата Шупелко.)

Плиткавода

Да, но ако испадне дека е вистина, господине Рабуш, дали повторно ќе ме прогласите за лудак? *(На Џон и Роберт)* Спуштете ја кошницата, ајвани
(Џон и Роберт ја спуштаат кошницата)
Викнете ја жена ми. Манук в кошница!
О, угурсузи едни расипани! Има тука јато, разбојничка дружина, банда, завереничко дувло против мене. Сега ќе пукне ѓаволот.
- Жено, жено мори! Доаѓај мори веднаш!
Да видиш колку чесни алишта праќаш на белење!

Рабуш

Ова ги надминува сите граници, господине Плиткавода. Веќе не оди вака; мора да ве

врземе.

Еванс

Лудило! Лудило! Побешнал како бешен пеш!

Шупелко

Навистина, господине Плиткавода, ова не ќе е на арно.

Плиткавода

И јас истото го велам, господине.
(Влегува госпоѓа Плиткавода)
Дојдете ваму, госпоѓо Плиткавода! Госпоѓа Плиткавода, чесната жена, скромната сопруга, доблесното суштество што има љубоморна будала за маж! Се сомневам без причина, госпоѓо, така?

Госпоѓа Плиткавода

Без причина, жими господ, ако се сомневате во мојата чесност.

Плиткавода

Само така, бесрамнице; продолжи си.
(Тој ја отвора кошницата и почнува да ги вади алиштата)
Излегувај, апашу!

Рабуш

Ова ги преминува границите.

Госпоѓа Плиткавода

(На Плиткавода) Како не ви е срам? Оставете ги алиштата на рајат.

Плиткавода

Ќе ми излезеш, гаду!

Еванс

Ова неражумно: жарем ќе ни ги покажете гаќите на жена ви? Прештанете.

Плиткавода

(На Џон и Роберт) Испразнете ја кошницата, велам!

Рабуш

Зошто, човеку, зошто?

Плиткавода

Господине Рабуш, да пропаднам вземи ако вчера не изнесоа човек од мојата куќа токму во оваа кошница. Зошто и денес да не е внатре? Сигурен сум дека е кај мене дома. Известувањето ми е точно, љубомората заснована. *(На Џон и Роберт)* Истресете ми го сиот веш!
(Буричка по алиштата)

Госпоѓа Плиткавода

Ако најдете некого внатре, смачкајте го како болва!

Рабуш

Нема никој.

Шупелко

Жими законот, ова не е на арно, господине Плиткавода. Само се резилите.

Еванс

Гошподине Плиткаводо, морате да ше молите а не да ги шледите будалштините на вашето шрче. Ова е љубомора.

Плиткавода

Значи, не е овде тој што го барам.

Рабуш

Не е, никаде не е освен во вашиот мозок.

Плиткавода

Ама луѓе, помогнете ми уште само овојпат да ја пребараме куќата. Ако не го најдам она што го барам, не простувајте ми за гревот; земете ме на удуду за навек; велете "љубоморен како Плиткавода што го бараше калапот на жена си во волов рог!" Бидете со мене уште сега; уште еднаш со мене да ја пребараме куќата.
(Излегуваат Џон и Роберт со кошницата)

Госпоѓа Плиткавода

Еј, госпоѓо Рабуш! Слезете со старицата. Маж ми доаѓа во спалната.

Плиткавода

Со старицата? Каква старица?

Госпоѓа Плиткавода

Тетката на мојата слугинка. Тетката од Брентфорд.

Плиткавода

Вештерка, курвештија, стара расипана курвештија! И реков дека не смее дома да ми стапне. Значи таа пренесува пораки, така? Ние сме едноставни луѓе; не знаеме што сé се врши под маската на ѓомти гатачкиот занает. Таа работи со бајачки, кушачки, претскажувања, присени како оваа, работи за нас неразбирливи. Ние ништо не знаеме. -Слези, слези вештерко, гангстерко, слегувај, велам!
(Влегуваат госпоѓа Рабуш и Фалстаф преправен како старица.)
(Плиткавода тргнува кон нив.)

Госпоѓа Плиткавода

Немој, црни мажу, немој! Луѓе, господо, не оставајте да ја тепа старицата.

Госпоѓа Рабуш

(На Фалстаф) Ајде мајче. Полека, држи се за рака.

Плиткавода

Сега јас ќе ја мајчосам!
(Го тепа Фалстафа)
Да те нема, вештерко, грдосијо, ороспијо, красто крастава, смрдло смрдлосана!
Надвор, надвор! Еве ти за вражбините, еве и за гатањето!
(Излегува Фалстаф)

Госпоѓа Рабуш

Зарем не ви е срам? Мислам дека ја убивте кутричката.

Госпоѓа Плиткавода

И ќе ја убие. - Нека ви служи на чест!

Плиткавода

На бесилка со неа! Вештерка!

Еванс

Жими Ишуш, мишлам оти женава навиштина е вештерка. Не шакам жени шо долга брада. Гледам дека има долга брада под шалот.

Плиткавода

Ќе дојдете со мене, господо? Ве молам, дојдете. Исходот да го видите на мојата љубомора. Ако сум џавкал а немало трага, повеќе никогаш не доаѓајте ако залајам.

Рабуш

Да издржиме уште малку. Одиме, господа.
(Излегуваат мажите)

Госпоѓа Рабуш

Жими сé, машки му ја зеде мерата.

Госпоѓа Плиткавода

Машки и безмилосно, би рекла.

Госпоѓа Рабуш

Ќе го дадам стапов на светење и ќе го обесам над олтар. Доблесно дело направи.

Госпоѓа Плиткавода

Што мислите - можеме ли, со потврдената наша женска зрелост и сведочењето на чистата совест, да го гониме Фалстафа до крај со одмаздата?

Госпоѓа Рабуш

Духот на блудноста сигурно здувнал од него и тоа посран од страв. Ако не ја продал душата на ѓаволот за навек, мислам дека повеќе никогаш нема да посегне по нас како да сме село без кучиња.

Госпоѓа Плиткавода

Дали ќе им кажеме на мажите како го услужив ме?

Госпоѓа Рабуш

Да, секако, ако за ништо друго барем да му ги истераме мушичките од глава на маж ти. Ако имаат срце и понатаму да го мачат кутриот, јаден, дебел витез, тогаш ние сме тука да помагаме.

Госпоѓа Плиткавода

Убедена сум дека ќе го искамфузат пред сите, оти ми се чини дека шегата нема да ја постигне целта сé дури тој не биде јавно изрезилен.

Госпоѓа Рабуш

Тогаш в ковачница со неа, а потоа ковање. Железото се кова дури е жешко.
(Излегуваат)

Сцена 3

(Влегуваат Меанџијата и Намќор)

Намќор

Господине, Германците сакаат да најмат три ваши коњи. Лично Војводата ќе пристигне утре на дворот, а тие треба да му излезат на срешта.

Меанџијата

Каков е тој Војвода што доаѓа тајно? Ништо за него не се слуша на дворот. Да поразговарам со господата. Зборуваат англиски?

Намќор

Да, господине. Ќе ги викнам кај вас.

Меанџијата

Ќе им ги дадам коњите, ама има да платат; дебело. Цела недела им чувам соби; други гости сум враќал. Има дебело да ми платат. Ајде!
(Излегуваат)

Сцена 4

(Влегуваат госпоѓа Рабуш, госпоѓа Плиткавода, госпоѓа Рабуш, госпоѓа Плиткавода и отец Хју Еванс)

Еванс

Дошега не шум шретнал попаметна жена.

Рабуш

Значи на обете ви пратил писма истовремено?

Госпоѓа Рабуш

Мене само четврт сат подоцна.

Плиткавода

Прости ми, жено. Отсега прави што сакаш. Побргу сонцето ќе го овбинам за студот одошто тебе за блуд. Сега честа твоја ќе стои во него што кривоклеветник беше цврста ко вера.

Рабуш

Добро, добро; доста.
Крајничав си во покорноста, ко во навредата што беше. Нека падне в замка. Жените наши нека уште еднаш, заради забава општа,
му закажат средба на пријателот нивни дебел,
а ние жив ќе го фатиме и резил ќе го сториме пред сите.

Плиткавода

Најдобар е начинот што тие две го предложија.

Рабуш

Како? Да му пратат абер дека ќе го сретнат во паркот на полноќ? Тешко, никогаш нема да дојде.

Еванс

Велите дека бил фрлен в река и претепан до шмрт како штарица? Мишлам дека шега фатил таков штраф што нема да дојде. Мишлам дека телото му е кажнето; убиена е похотата во него.

Рабуш

Истото го мислам и јас.

Госпоѓа Плиткавода

Мислете што ќе му правите кога ќе дојде, оставете ние двете да го довлечкаме таму.

Госпоѓа Рабуш

Старата бајка за ловецот Херн вели дека некогашниот чувар на Виндзорската шума зиме, во глуво доба, околу-наоколу еден даб врви со огромни рогови на глава, па дрвјето се суши, стоката ја фаќа болест, од кравите молзат крв, а тој само тресе со синџирот и страв насекаде шири.
Сте чуле за сеништево и знаете добро дека празноверените бадијалции, нашите претци, ја прифателе и ја пренеле во наше време оваа бајка за ловецот Херн како вистинска.

Рабуш

Знаеме, има многумина што уште се плашат ноќе, во глуво доба, да пројдат крај дабот Хернов.
Но, добро. И?

Госпоѓа Плиткавода

Клопката ја смисливме вака:
Фалстаф крај тој даб обете да нé сретне, преправен како Херн, со огромни рогови на глава.

Рабуш

Добро, да речеме тој сигурно ќе дојде, така преправен. Но кога ќе го намамите таму, што тогаш? Што со него? Мислевте на ова?

Госпоѓа Рабуш

Мислевме ами како. Еве како ќе биде.
Ана Рабуш, ќерка ми, синчето мое
и уште три-четворица од нивен раст, како бабари и самовили ќе ги облечеме, во зелено и бело,
со обрачи восочни свеќи на нивните глави,
и чегртала в раце. Одеднаш,таман Фалстаф таа и јас се среќаваме, тие рипаат од ендек како попарени пеејќи некоја бучна песна.
А ги видиме, ние две ѓомти преплашени фаќаме магла.
Потоа тие заигруваат оро околу него
и самовилски, го штипат нечистиот витез прашувајќи го зошто, во часот за танцот нивен се осмелил да гази по врвиците им свети во осквернет облик.

Госпоѓа Плиткавода

И дури вистината не ја каже ѓомти-самовилите го штипат, го корнат
и со фитлите го горат.

Госпоѓа Рабуш

А кога сé ќе каже, сите се појавуваме, соблазнението ќе сврши, и со потсмев го испраќаме дома во Виндзор.

Плиткавода

Сите деца треба добро да се извежбаат, инаку ништо!

Еванс

Јаш ќе ги ижвежбам децата а и шамиот ќе штанам бабар, жа кога ќе ми набабри да му ше ижнажежам на витежот шо мојов фитиљ.

Плитакавода

Одлично. За вомјазите јас ќе платам.

Госпоѓа Рабуш

Мојата Аничка кралица ќе биде на сите самовили облечена во преубав бел фустан.

Рабуш

А свилата за него јас ќе ја платам. *(За себе)* А во сета збрка газда Сушко ќе ја грабне мојата Ана и ќе се ожени со неа во Итон. *(На ѓоспоѓа Рабуш)* Веднаш пратете му абер на Фалстафа.

Плиткавода

Не, првин јас ќе одам кај него како Резил. Ќе разберам што ќе прави. Сигурно ќе дојде.

Госпоѓа Рабуш

Ќе дојде ами како. *(На Рабуш, Плиткавода и Еванс)*. А сега напред
по реквизитите и украсите за самовилите наши.

Еванс

На работа на труд. Нé чека шмеа, игра, чешна рашипаношт шо предигра.
(Излеѓуваа ѿ Плиткавода, Рабуш и Еванс)

Госпоѓа Рабуш

Госпоѓо Плиткаводо, вие Брзофатка пратете ја кај Фалстаф да знаеме на што сме. *(Излеѓува ѓоспоѓа Плиткавода)*
Јас одам кај докторот. Само тој го има благословот мој да се ожени со Ана Рабуш. Оној Сушко, иако богат, прав е морон; а за зет баш него мажот ми најмногу го сака. Докторот е полн пари, а и на дворот моќни врски има. Нему ќе му ја дадам, да ви кажам, па макар за милион поарни да можам да ја мажам.
(Излеѓува)

Сцена 5

(Влеѓуваа ѿ Меанџијата и Наивко)

Меанџијата

По кое добро, бе акмак? По кое, лејко една лејкосана? Зборувај, гукни, кажи. Кусо, кратко, брзо. Тап-тап.

Наивко

Газда Сушко ме праќа, господине, да го прашам нешто витезот Фалстаф.

Меанџијата

Онде му е спалната, куќата, замокот, постелата, креветчето. Ќе ја најдеш по свежо насликаната приказна за Блудниот Син. Оди тропни и викни. Ќе ти зборува како Антропофаг. Тропни, ти велам.

Наивко

Една старица, една дебела жена, влезе во неговата соба. Ќе бидам слободен, господине, да почекам овде додека таа не излезе. Всушност, сакам да зборувам со неа.

Меанџијата

Опаа, дебела жена? Ќе ми го ограбат витезот. Ќе викнам. - Витезу, делијо. Витезу Џон! Провикај од грлото јуначко! Таму си? Јас сум твојот меанџија, твојот Ефежанин, јас те викам.

Фалстаф

(Од внаѿре) Што има, Меанџијо?

Меанџијата

Еден чешки Татарин чека овде да слезе твојата дебела жена. Нека се симне, делијо, нека се симне. Ова е чесна куќа. Господе, сите нешто матат. Зошто?
(Влеѓува Фалсѿаф)

Фалстаф

Беше една дебела старица кај мене, Меанџијо; ама си замина.

Наивко

Простете витезу, зборувате за гатачката од Брентфорд?

Фалстаф

За неа, шупоглавецу, ами за кого? Што имаш ти со неа?

Наивко

Господарот мој, господине, господарот мој господинот Сушко ја видел на улица, и ме прати кај неа да ми каже, господине, дали некојси Немтур, господине, којшто му го мазнал синџирчето, го има кај себе синџирчето или не.

Фалстаф

Јас веќе зборував со старицата за тоа.

Наивко

И што вели старицата, ве молам, господине?

Фалстаф

Вели, мрсулко, дека синџирчето го мазнал истиот човек што му го мазнал синџирчето на газда Сушко.

Наивко

Баш сакав да зборувам лично со жената. Господарот ми порача да ја прашам и за некои други работи.

Фалстаф

На пример? Да чуеме!

Меанџијата

Ајде, пеј! Брзо!

Наивко

Не смеам да ги кријам, господине.

Меанџијата

Крај ги, или ти се плака мајката.

Наивко

Ама, господине, сите се во врска со госпојца Ана Рабуш; дали мојот господар ќе ја има таа среќа да ја добие или не.

Фалстаф

Ќе ја има, ќе ја има таа среќа.

Наивко

За што, господине?

Фалстаф

Да ја добие или не. Оди и кажи му дека вака ми рече жената.

Наивко

Смеам ова да му го речам, господине?

Фалстаф

Да, господине Недореченко; кој друг смее?

Наивко

Ви благодарам, господине. Ќе го израдувам господарот со веста. *(Излегува)*

Меанџијата

Вешт си на зборот, вешт, витезу. Навистина имаше гатачка кај тебе?

Фалстаф

Имаше, имаше мој Меанџијо, и тоа каква: таа ми го дотера паметот како никој друг досега. И тоа џабе: не само што не платив за пуката туку уште и плата добив.
(Влегува Намќор (калосан))

Намќор

Тешко мене, господине, арамилук,
чист арамилук!

Меанџијата

Каде ми се коњите? Не мајтапи се со нив, багабонто.

Намќор

Со арамиите. Оти штом го заминавме Итон, ме исфрлија од седлото во кое јавав заедно со еден од нив, во некое батачиште; потоа ги збоднаа коњите и невиден бист се сторија како три германски ѓаволи, како три доктор-фаустовци.

Меанџијата

Му отидоа на срешта на Војводата, апашу. Не вели дека побегнале. Германците се чесни луѓе.
(Влегува отец Еванс)

Еванс

Каде е гоштилничарот?

Меанџијата

Кажете, господине.

Еванс

Отворете добро очи, гажда. Еден мој пријател дојде в град и кажува дека три Гермобагабонти ги пљачкошале шите гоштилничари во Рединг, Мејденхед и Колбрук, шѓе им пљачкошале: коњи, пари. Шлушнете, ова ви го велам добронамерно. Вие ште умни, шакате да ше жаебавате шо други и да ги мештите, па не би било убаво ваш да ве жаебат. Жбогум.
(излегува)
(Влегува доктор Кајус)

Кајус

Кате мој меанар од Спринка?

Меанџијата

Еве сум, господине докторе, збунет и во недоумица.

Кајус

Не снам сто е, ама фелат прафите големи потготофки за војвотата от Жермани, ама зими скалпелот, на тфорот не снаат тека некој војфота трепа та тојте. Офа казувам топронамерно. Оревуар.
(Излегува)

Меанџијата

(На Намќор) По нив, гаду, по нив! *(На Фалстаф)* Помогни ми, витезу. Пропаднав. *(На Намќор)* Мрдни, трчај по нив, гаду. Пропаднав.
(Излегуваат Меанџијата и Намќор)

Фалстаф

Море цел свет сега да го заебат, со малото прсте нема да мрднам, оти мене ме заебаа и уште ќотек ми удрија. Ако стигне до ушите на оние во дворот дека сум се преправил и дека така преправен ме искапиле и испотепале, маста ќе ми ја извадат, капка по капка, и со мене ќе мачкаат рибарски чизми. Ви тврдам, ќе ме изедат жив од мајтаплаци и ќе ми го скинат фрфулот ко на петле.Бел ден не видов од онаа партија бељот кога си наместив три адути на сон. Ех, барем гласот подолго да ме држеше, убаво ќе се покаев.
(Влегува Брзофатка)
Опаа, од каде пак сега ти?

Брзофатка

Од двете странки.

Фалстаф

Ѓавол да ја земе едната странка, а мајката на ѓаволот другата. Така и на обете ништо нема да им фали. За нив претргав повеќе одошто може да трга апашката непостојаност на човековата природа.

Брзофатка

А знаете ли што сé не претргаа тие, господине? Не знаете, особено не за едната од нив. Госпоѓа Плиткавода, таа добра душа, сета е сина прпор од ќотекот и нема здраво место кај да ја пипнеш.

Фалстаф

Види ја, мене најде да ми кажува за ќотеци! Ај таа сина прпор станала, ами мене што ме испотепаа шарено, во сите бои на божилакот, па заличив на газ од паун и за малку што ќе ме уапсеа како вештерката од Брентфорд? Само мојата генијална досетливост и моето фантастично снаоѓање во улогата на старица ме спасија, инаку оној копук од поп ќе ме запалеше на клада како вештерка.

Брзофатка

Господине, да поразговараме во вашата соба. Ќе слушнете како стојат работите и ви тврдам дека ќе бидете задоволни. Еве и писмо кое нешто кажува. Гулапчиња лични, колкава мака требало за да ги спариш. Еден од вас лошо му служи на Господа, па затоа ви тргна вака терсене.

Фалстаф

Дојди горе кај мене в соба.
(Излегуваат)

Сцена 6

(Влегуваат ѓазда Фентон и Меанцијата)

Меанцијата

Господине Фентон, не велете ми ништо. Тешко ми е. Ќе кренам раце од сé.

Фентон

Сепак, слушни ме. Помогни ми во зортов, а јас, како џентлемен, ќе ти дадам сто фунти во злато згора на загубата твоја.

Меанцијата

Ќе ве сослушам, господине Фентон, и барем тајната ќе ви ја сочувам.

Фентон

Сум ти кажувал повеќепати до сега за љубовта што ја коткам кон убавата Ана Рабуш, која, на моја радост, ми возвраќа на ист начин колку што има право, се разбира, сама на себе
да си наоѓа избраник. Овде имам и писмо од неа чија содржина за големо чудо ќе биде; шегата внатре ептен се вклопува со мојот наум; така што ниедна не може на видело сама, ако другата остане тајна. Дебелиот Фалстаф има улога многу важна. Шегата вака главно ќе се одвива. Меанцијо, слушај. Ноќеска кај дабот хернов, меѓу дванаесет и еден, мојата мила Ана самовилската кралица ќе ја игра -
(Го покажува писмото)
а еве ја причината зошто - во таков вомјаз додека другите шеги сé уште траат, по таткова заповед, таа да побегне треба со Сушко и со него во Итон веднаш да се венча. Таа согласност даде. Арно ама, господине, мајка ѝ која секогаш се противела на ова, сакајќи да ја даде на доктор Кајус, среди на ист начин докторов да ја грабне дури другите се зајдени во забави и игри и во храмот, кајшто свештеник ќе ги чека,
веднаш да ја венча. Со оваа мајчина сплетка,

таа, навидум послушна, исто така се сложи и му се вети на докторот. Значи сега ваква е работата. Татко ѝ мисли сета да биде во бело;
и во такво руво, кога Сушко ќе ја види, да ја фати за рака и на знакот даден да замине со него. Мајка ѝ пак сака, докторот полесно да ја препознае Ана- оти сите мора да носат вомјази и маски- па смета да ја облече во зелен фустан, лефтерен и убав, а околу глава ленти да ѝ се виорат; кога на докторот можност ќе му се укаже, треба за рака да ја штипне,
а на тој знак таа се сложи со него да појде.

Меанџијата

Кого мисли да го излаже, таткото или мајката?

Фентон

Обајцата, Меанџијо, за да појде за мене.
А еве што треба да сториш: замоли го попот да остане за мене в црква меѓу дванаесет и еден
и преку законскиот венчален обред свечено да ги спои двете наши срца.

Меанџијата

Па тогаш нека е со среќа. Одам кај попот. Мома вие донесете, а свештеник нема да ви фали.

Фентон

Доживотен, Меанџијо, ќе ти бидам должник а наградата, јасно, ќе ја добиеш веднаш.
(Излегуваат)

Чин ПЕТТИ

Сцена 1

(Влегуваат Фалстаф и Брзофатка)

Фалстаф

Те молам, преку нос ми е од пљампања; бегај; реков и секов. Ова е третпат; може среќа носат непарните броеви. Оди си, да те нема! Велат тек броевие носат во себе некакво претскажување: за раѓање, среќа или смрт. Да те нема!

Брзофатка

Ќе ви најдам синџир и ќе сторам сé што можам да ви снабдам чифт рогови.

Фалстаф

Бегај, реков! Времето се арчи. Нозете под газ и магла.
(Излегува Брзофатка)
(Влегува Плиткавода преправен како Резил)
Здраво живо, господине Резил. Господине Резил, вечерва ќе стане сé јасно. Или ќе ја биде или не. Бидете во паркот околу полноќ кај дабот на Херн. Чуда невидени ќе се случуваат.

Плиткавода

Зарем не бевте вчера кај неа, господине, како што ми рековте дека било договорено?

Фалстаф

Отидов кај неа, господине Резил, ваков каков што сум, сирот старец; а се вратив од кај неа, господине Резил, како сирота старица. Во оној ист подлец Плиткавода, нејзиниот маж, се присенил најшврканиот ѓавол на љубомората, господине Резил, каков што не се присенил во ниеден лудак. И да ви кажам, ми удри страшен ќотек кога бев жена - зашто кога сум маж, господине Резил, не му се плашам ни на Голијата со ткајачкото кросно, оти знам дека животот е и совалка на разбој. Брзам. Појдете со мене; сé ќе ви кажам, господине Резил. Од времето кога тепав гуски, бегав од училиште и фрлав фанта, до вчера имав заборавено што е ќотек. Појдете со мене. Ќе ви кажувам чудни работи за копуков Плиткавода, кому вечерва ќе му вратам и ќе ја предадам жена му во ваши раце. По мене. Чудни работи се на повидок, господине Резил. По мене.
(Излегуваат)

Сцена 2

(*Влеѓувааѿ ѓазда Рабуш, судијаѿа Шуѿелко и ѓазда Сушко)*

Рабуш

Така, така; ќе се притаиме во ендеков замочки дури не ни светнат самовилите. Синко Сушко, не заборавај ја ќерка ми.

Сушко

Без гајле. Веќе зборував со неа и договоривме јавка за распознавање. Ѝ приоѓам, таа е во бело, ѝ викам "купа"; таа ми вика "чупа"; и готово; распознати сме.

Шупелко

И така е добро. Ама зошто ви се "купа" и "чупа"? По белото веднаш ќе ја познаеш. *(На Рабуш)* Отчука десет.

Рабуш

Ноќта е темна; како створена е за светилки и духови. Нека ни оди од рака работава! Никој жив не мисли зло освен ѓаволот, а него ќе го познаеме по роговите. Уште малку. По мене.
(Излеѓувааѿ)

Сцена 3

(Влеѓувааѿ ѓоспоѓа Рабуш, ѓоспоѓа Плиѿкавода и доктор Кајус)

Госпоѓа Рабуш

Господине докторе, ќерка ми е во зелено. Кога ќе ви се укаже прилика, фатете ја за рака, одведете ја во храмот и секавично завршете ја работата.Влезете први во паркот. Ние двете мораме заедно.

Кајус

Снам сто треба прафам. Оревуар.

Госпоѓа Рабуш

Збогум, господине.
(Излеѓува Кајус)
Маж ми нема толку да се радува на страдањето фалстафово колку што ќе го доболи срцето кога докторот ќе му ја земе ќерката. Ама не е важно. Поарно сега да ме кара мене, одошто цел живот срцето да ѝ вене.

Госпоѓа Плиткавода

Каде е сега Ана, каде е трупата самовили, каде е оној велшки ѓавол, попот Хју?

Госпоѓа Рабуш

Сите се скриени во јамата веднаш до дабот хернов, со затемнети светилки; во мигот кога Фалстаф ќе се состане со нас, тие наеднаш ќе блеснат во ноќта

Госпоѓа Плиткавода

Ќе се испосери в гаќи од страв.

Госпоѓа Рабуш

Ако не се испосери од страв, ќе умри од срам. Ако се испосери од страв, пак ќе умри од срам.

Госпоѓа Плиткавода

Убаво ќе го изневериме.

Госпоѓа Рабуш

Кон такви расипници и нивното сладостраство
извршеното неверство не е предавство.

Госпоѓа Рабуш

Се ближи часот. Кон дабот, кон дабот!
(Излегуваат)

Сцена 4

(Влегуваат отец Хју Еванс преправен како сатир и Вилијам Рабуш и другите деца преправени како самовили)

Еванс

Оп-цап шамовили! Ајде! И жапомнете ши ги улогите. Храбро, храбро, ве молам. Шо мене в јама а кога ќе кажам "Ујаа" правете како ќе ви жаповедам. Ајде, ајде, оп-цап на калап, оп-цап!
(Излегуваат)

Сцена 5

(Влегува Фалстаф преправен како Херн со рогови на глава и синџир в раце)

Фалстаф

Камбаната во Виндзор чукна дванаесет; ближи часот. Сега нека ми помогнат топлокрвните богови! Сети се Јупитер, ти беше бик за љубов на твојата Европа; љубовта ти ги наби роговите. О моќна љубов, ти што во едни прилики го правиш sверот човек; а во други човекот sвер! Ти беше Јупитер, и лебед, за љубов на Леда. О семоќна љубов! Колку блиску еден бог се приближи до изгледот на гусан! Ѓаволштилак сторен првин во облик на sвер - О Јупитер, sверски ѓаволштилак! - а потоа друг ѓаволштилак во облик на птица - помисли на ова Јупитер, птичји ѓаволштилак! Кога боговите горат во сладострастие, што останува за нас, кутрите луѓе? Што се однесува до мене, јас сум елен во Виндзор и тоа најдебелиот, ми се чини, во шумава. Испрати ми свежина во време на парењето, Јупитер, оти кој ќе може потоа да ме искара дека сум ја утнал?
(Влегува госпоѓа Плиткавода а по неа госпоѓа Рабуш)
Кој доаѓа? Мојата срна!

Госпоѓа Плиткавода

Витезу Џон! Дали си таму, елену мој, мажјаку мој мил?

Фалстаф

Срно моја со црно опавче! Од небо нека втурат компири, нека згрми на звукот од "Либе мое со ракавчиња зелени", нека удри град од шеќерчиња, нека заврне снег од ирчиња; нека надојде бура од страсти, јас овде ќе се засолнам.
(Ја прегрнува)

Госпоѓа Плиткавода

Со мене е госпоѓа Рабуш, срцуле.

Фалстаф

Поделете ме како чорнат елен, за секоја по бут. Ребрата ќе ги чувам за себе, плешките за чуварот на овој дел од шумата, а роговите ги подарувам на вашите мажи. Јас сум шумски човек! Ха! Зборувам како ловецот Херн. Значи ноќва Купидон е совесно момче; ми надополнува двојно. Јас сум вистински дух, добро ми дојдовте двете!
(Се слуша џагор однадвор)

Госпоѓа Рабуш

Леле, го слушате џагорот?

Госпоѓа Плиткавода

Боже прости ни ги гревовите!

Фалстаф

Што може ова да биде?

Госпоѓа Рабуш и госпоѓа Плиткавода

Да бегаме! Да бегаме!
(Излегуваат госпоѓа Рабуш и госпоѓа Плиткавода тргајќи)

Фалстаф

Мислам дека ѓаволот ме неќи од страв да не му го запалам пеколот со маслото во мене. Инаку никогаш вака не би ми го спопикал.
(Влегуваат отец Еванс, Вилијам Рабуш и децата, маскирани како и порано, со свеќи; Брзофатка, маскирана како Самовилската кралица; Ана Рабуш како самовила и еден глумец маскиран како Ѓаволче.)

Брзофатка

Самовили црни, бели, зелени и сиви
на ноќта веселници и сенки живи,

сирачиња земски што зла коб ве снајде
спремете се веднаш, на работа ајде. -
Ѓаволче, самовилите прозивај ги веднаш.

Ѓаволчето

Кепци, имињата да ги чујам. Молкнете, еднаш!
Штурче, во домовите виндзорски ти сега sирни
и кајшто оган незапретан најдеш и огништа штирни
таму слушките штипи ги да посинат ко од сврдли
Кралицата наша сјајна гнасотилак мрази и смрдли.

Фалстаф

(За себе) Нагазив на нави. А зборнеш, мртов ќе бидиш. Ќе замижам и ќе се скријам;никој жив не смее да ги види.
(Легнува и си го скрива лицето)

Еванс

Каде е Гравче? Оди и кајшто ќе најдеш мома трипати пред спиење што се прекрстила дома, дај ѝ соништа најубави да плете, да заспие цврсто ко невино дете.
Но тие што заспале без гревот да го скротат, штипи ги, по раце, по нозе, по плеќи, кошмари да им се котат.

Брзофатка

Ајде, ајде!
Посетете го, кепци, дворот Виндзорски, надвор и внатре,
донесете среќа, нави, во сите одаи свети благосостојба за навек дворецот да сети благосостојба вечна од радости и смеа, достојна на владарот, владарот на неа.
Столовите на членовите на дворскиот совет со балзам светнете ги од пресвежа пролет.
Сето знамење, секој грб, секој тронец стамен со верност нека болскаат ко бесценет камен;
А ноќе, ливадарки, запејте песна фатени на оро во круг, на нога лесна.
До кајшто ќе стапнете, зеленило да никне поплодно и посвежо од секаде да бликне; и *"Honi soit qui mal y pense"* по тревникот зелен нека пишува цветот син, бел и румен,
ко сафир, бисер и златен подвез
што го реси коленото од личниот витез -
самовилите пишуваат со мирисот цветен.
Одете, ајде! - но сé до еден часот
орото наше старско околу-наоколу дабот на ловецот Херн, ќе го играме ние.

Еванс

А сега, рака за рака, на оро фатете се вие;
дваесет светулки фенери ќе ни бидат водилки околу дабот на оваа рида. -
Опаа! Стој! Човечки мирис ноздрите ми ги рие!

Фалстаф

Од тој велшки вештер со божја помош ќе се бранам,
може да ме урочи и биено сирење да станам!

Ѓаволчето

(На Фалстаф) Црву долен, од раѓање ти си урочен да бидеш воле!

Брзофатка

(На самовилите) Оган принесете, прстите нека му ги гори, ако е чист, пламенот нема зијан да му стори,
болка ќе нема; но ако почне да крцка
тогаш грешник си ти беден, расипник, срцка!

Ѓаволчето

На суд! На суд!

Еванс

Дали дрвово ќе гори?
(Го горат Фалстафа со свеќи.)

Фалстаф

Оф, оф, оф!

Брзофатка

Расипан, расипан, и сладострастие го мори.
Околу него, нави; потсмешлива самовили појте
Штипете го, штипете го, дури умот не му дојде!
(Тие играат околу Фалстафа, го штипаат и пејат:)

Самовилите

Грешни мисли, срам да ви е,
срамна блуд и сладострастие!
Блудот ти е само жар во крвта
на порокот вечна жртва,
го коткаш в срце и огнот му се шири
од мечтите распален не може да се смири.
Штипете го сложно, самовили
во него се влезени зли сили!
Штипете го, горете го, нека сети што е казна,
сé дури свеќите, ѕвездите, месечината не згаснат.

(За време на песната, влегува доктор Кајус од едната страна и излегува со украдената самовила во зелено; влегува газда Сушко од другата страна и излегува со украдената самовила во бело; влегува Фентон и излегува со украдената Ана Рабуш. По песната од надвор се слуша ловциски цагор. Излегуваат трчајќи Брзофатка, Еванс, Ѓаволчето и Самовилите. Фалстаф станува и сака да бега.)
(Влегуваат газда Рабуш, газда Плиткавода, госпоѓа Рабуш и госпоѓа Плиткавода)

Рабуш

Не, не бегајте. Мислам дека докусурен сте сега.
Кој друг би ве спасил освен ловецот Херн?

Госпоѓа Рабуш

Ве молам, доста. Шегава веќе нема смисла.
Витезу Џон, како ви се допаѓаат сега жените од Виндзор?
(Покажува на роговите од Фалстаф)
Ги гледаш, мажу? Зарем овој убав јарем
не му личи повеќе на шумата одошто на градот?

Плиткавода

(На Фалстаф) Е, па, господине, кој носи сега рогови? Господине Резил, Фалстаф е апаш, апаш со рогови. Еве му ги роговите, господине Резил. И, господине Резил, ништо од Плиткавода тој не се омрси освен неговата кошница за алишта, стапот и дваесетте фунти што ќе мора да ги врати на господинот Резил; затоа коњите му се земени реим, господине Резил.

Госпоѓа Плиткавода

Витезу Џон, не нé послужи срекáта. Никако да се ставиме. Повеќе никогаш нема да ве сметам за мој верен, туку само за мој најдебел елен.

Фалстаф

Гледам дека од мене направивте магаре.
(Ги вади роговите)

Плиткавода

Да, ама и вол. Докази има колку ти душа сака.

Фалстаф

Значи овие не беа самовили? Боже господе, два-три пати помислив дека не се самовили, ама сепак нечистата совест, ненадејниот препад на моите моќи, го направија привидот стварност и , покрај гласот на разумот, поверував дека се самовили. Ете како може со сајкал да ти побегне кумот, кога кон лошо настроен ти е умот!

Еванс

Витежу Џон Фалштаф, шлужете му на гошпода и жаборавете ги грешните мишли, па шамовилите нема да ве штипат.

Плиткавода

Ова добро го рековте, оче Хју.

Еванс

А ваш ве молам да ја жаборавите љубомората.

Плиткавода

Нема да се посомневам во жена ми сé додека ти не станеш кадарен да ѝ се додворуваш на добар англиски.

Фалстаф

Чавките да не ми го испиле умот штом дозволив вакво магаре да направите од мене? Зарем да ме вјајвне еден велшки јарец? Да не ми фали уште магарешка круна? Време е да се удавам во капка моч!

Еванс

Мошање добро жа ваша ждравје; дебел мев многу мош.

Фалстаф

"Мошање" и "ждравје"? Зарем доживеав да ми се потсмева човек што а ќе отвори уста на англиски ме тера на здраво мочање? Ова е знак дека му одѕвони на уживањето и ноќното шлаење во кралствово.

Госпоѓа Рабуш

Витезу, витезу, дури и да мислевте дека можеме да ја исфрлиме доблеста од нашите срца и да се предадеме без збор на пеколот, зарем не ви беше јасно дека ѓаволот ни тогаш не би нé натерал да ни се допаднете?

Плиткавода

Што? Да ти се допадне турлитавава? Вреќиштево гној?

Госпоѓа Рабуш

Овој офкаџија?

Рабуш

Овој бесчувствителен, дрт старец со мевиште како нилски коњ?

Плиткавода

И подмолен како Сатана?

Рабуш

И сиромав како Јов?

Плиткавода

И зол како жена му?

Еванс

И шо умот жајден по ражврат, меани, шпаншко вино, обично вино, медовина, локање, пшуење, шеир, жакачки макачки?

Фалстаф

За подбив ме имате; ама ако. Во предност сте. Не можам дури ни да му го спуштам на оваа велшка пачавра. Едноставно сум парализиран од неговото незнаење. Правете со мене што сакате.

Плиткавода

Ќе ве одведеме, господине, во Виндзор кај еден господин по име Резил, кому на превара сте му зеле пари претставувајќи се себеси како некој макро. Иако доста претргавте, сепак мислам дека најмногу ќе ве здоболи враќањето на парите.

Рабуш

Сепак развесели се, витезу. Вечерва ќе јадеш и ќе пиеш кај мене дома, кајшто сакам да ѝ се смееш на жена ми како што таа сега ти се смее тебе. Кажи ѝ дека газда Сушко се ожени со ќерка ѝ.

Госпоѓа Рабуш

(За себе) Не велат така докторите! Ако Ана Рабуш е моја ќерка, таа, досега е жена на доктор Кајус.
(Влегува Сушко)

Сушко

Еееј! ej,ej, дедо Рабуш!

Рабуш

Што е сине, што е? Што е, што е, зетко? Завршивте?

Сушко

Завршивме? Море на најдобрите во околијава ќе им кажам; ќе им кажам, ако не, нека ме обесат, еве на!

Рабуш

Што ќе им кажеш, зете?

Сушко

Отидов во Итон да се венчам со госпојца Ана Рабуш, а ваму женското - машко. Детиште едно недокважано. Да не беше в црква, ќе му покажев јас убаво, или обратно, ќе ми покажеше тој мене. Од место да не се помрднам ако не поверував дека е Ана Рабуш; а тоа да ти било детиштето на поштарот.

Рабуш

Значи, зедовте погрешен човек.

Сушко

Погрешен ами како? И јас така помислив кога зедов момче место девојка. Да се венчав со него, иако беше во женски алишта, никогаш не би спиел со него.

Рабуш

Сами сте виновни. Јас ви кажав дека ќе ја препознаете ќерка ми по бојата на фустанот.

Сушко

И пријдов. Беше во бело. Викнав "купа" а таа викна "чупа" исто како што се договоривме со Ана; а сепак не беше Ана туку детето на поштарот.

Госпоѓа Рабуш

Џорџ, Џорџ, немој да се лутиш. Разбрав за твојата намера, ја облеков ќерка ми во зелено и сега сигурно е со докторот во храмот кајшто веќе се зеле.
(Влегува Кајус)

Кајус

Кате мадмазел Ана? Зими бока, ислазан сум! Се озенив со *un garson,* момце, *un paysan,* зими бока. Момце! Не Ана Рабус, зими бока. Излазан сум.

Рабуш

Господе, зарем не ја зедовте онаа во зелено?

Кајус

Да, зими бока, ама е момце. Зими бока, цел Виндзор кренам на нозе.

Плиткавода

Чудно, кој ја има тогаш вистинската Ана Рабуш?
(Влегуваат Фенѿон и Ана)

Рабуш

Срчка ќе ме удри: иде господин Фентон. - Што значи ова, господине Фентон?

Ана

Прости ми, татко. Мајко моја, прости.

Рабуш

Значи госпоѓице, како се случи да не појдеш за газда Сушко?

Госпоѓа Рабуш

Зошто не појде за господинот доктор, дете?

Фентон

Ја збунивте. Вистината слушнете ја сега.
Сакавте да ја мажите, мошне срамно,
таму кајшто немаше во љубовта складност.
Вистината е дека таа и јас, свршени дамна,
врзани сме сега цврсто и никој и ништо веќе
нема да нé раздели. Престапот сторен од
нејзина страна е свет и за почит.
Преварава нејзина не крстете ја дело
на непослушност, итрина или непочит,
зашто преку чинов таа само се спаси од
многуте несвети, колнати сати наметнати
врз нејзе од присилниот брак.

Плиткавода

(На Рабуш и госпоѓа Рабуш) Не стојте ко здрвени. Лек тука нема.
љубовта во бракот само небото ја раѓа, земјата со пари, жената по"писано" ти паѓа.

Фалстаф

Мило ми е што вашата стрела промаши,
иако фативте добра пусија да ме застрелате.

Рабуш

Од пишаното не се бега. Фентон, нека ти е со среќа!

Фалстаф

Одврзан пес живо пиле не пушта.

Госпоѓа Рабуш

Доста со чамче муабети. Господине Фентон за многу години и со среќа нека ви е бракот! Ајде мажу, повелете сите кај нас дома, најадени да ја залиеме шегата крај огнот, и вие витезу, повелете сите.

Плиткавода

Амин, витезу, амин,
сега не мораш ни од господин Резил да
се криеш, кажи му, вечерва тој со госпоѓа
Плиткавода ќе спие.

Колекција на хумор

Наслов на оригиналот:

Comedy of Errors

ЛИЦА:

Солин, војвода од Ефес
Егеон, трговец од Сиракуза
Антифол од Ефес
Антифол од Сиракуза, близнаци, синови на Егеон и Емилија
Дромио од Ефес
Дромио од Сиракуза, близнаци, робови на двата Антифола
Балтазар, трговец
Анџело, златар
Прв трговец, пријател на Антифол од Сиракуза
Втор трговец, на кого му е должен Анџело
Пинч, учител

Емилија, жена на Егеон, игуманија во Ефес
Адријана, жена на Антифол од Ефес
Лучијана, нејзина сестра
Метреса
Темничар,Џандар, Службеници и Свита

Место на дејствието: ***Ефес***

Пиесата ***Забуни*** е весела комедија со лесни драмски елементи, без некоја поголема философска подлога иако, како што вели Колриџ, *таа, на најдобар можен начин, ги потврдува токму философијата и карактерот на фарсата.*

Овде, поради непрепознавањето и замените на личностите, настануваат бројни недоразбирања и комични ситуации врз кои Шекспир го гради заплетот на комедијата.

Според бележникот *Геста*, пиесата ***Забуни***, првпат е играна на 28 декември 1594 година. Делото првпат е печатено во Кварто изданието од 1623 година. Дека е меѓу првите, ако не и прво театарско дело на Шекспир, потврдуваат стилот и метриката на делото: стиховите се рамномерни, честопати римувани со многу игра на зборови, а малку проза.

Забуни е најкусата комедија на Шекспир, заснована врз трипати покусиот латински оригинал на комедијата Менехми од римскиот комедиограф Плаут. Но, за разлика од Плаут, Шекспир го зголемува бројот на забуни, ги удвојува близнаците и воведува неколку нови ликови (Егеон, Емилија, Лучијана…)

Забуни не е проста адаптација на Плаутовата комедија, туку оригинално дело кое, надрастувајќи го изворникот, со свежината на карактерите и силата на поезијата, го најавува сигурниот подем на идниот голем драмски писател.

Комедијата ***Забуни*** првпат е играна во Македонија на 11.03.1989 година на сцената на МНТ, во режија на Димитрие Османли.

Преводов што овде го печатиме е поправена верзија на текстот врз кој се играше оваа претстава, а што првпат беше објавен на македонски во 1987 година.

Чин ПРВИ

Сцена 1

(Влегуваат Солин, војвода од Ефес, Егеон, трговец од Сиракуза, Затворничар и други.)

Егеон

Брзни Солине, скрати ми го векот,
за маките мои смртта бил лекот.

Војводата

Не моли веќе, трговецу од Сиракуза
немам ниет законот да го кршам.
Кавгата и спорот што избија
по чинот крвав на војводата ваш
над честите наши трговци кои
немајќи доволно злато за откуп
со крв прописот му го запечатија
ја топи милоста во погледот тврд;
зашто по раздорот лош што стана
меѓу бунтовните твои земјаци
и нас, врховните совети решија,
и нашиот и вашиот од Сиракуза,
да се прекине трговијата
меѓу зајадените градови наши
и секој роден во Ефес што ќе го
видат на панаѓур во Сиракуза
или роден Сиракужанин во
заливот Ефес, да биде убиен
а имотот даден на војводата,
освен ако не плати некој откуп
од илјада дукати за него.
Имотот твој, преку мера вреди
сто дукати; затоа, Сиракужане,
по законот наш осуден си на смрт.

Егеон

Утешно баш; по твоите беседи
вечерва крај на маките ме следи.

Војводата

Значи, трговецу, кажи на кратко
што те натера да тргнеш од дома
и зошто си баш денеска во Ефес.

Егеон

Најтешко од сé ми паѓа за алот
мој мачен јасно да зборувам; сепак
за да рече светот дека крајот
од пишано ми бил а не од подлост
ќе раскажам овде сé, ред по ред.
Роден сум во Сиракуза, зедов жена
што среќна беше со мене а со неа
и јас, до часот кога нé наваса зло.
Богатството ни растеше во радост
по моите чести патувања до
Епидамно, но еден ден умре
деловодителот и грижата за стоката
оставена на разни места, од неа
ме тргна; ни шест месеци не бевме
раздвоени а таа, иако
исцрпена од бремето слатко,
реши сама кај мене да дојде.
И дојде наскоро жива и здрава.
И по кратко, среќна мајка стана
на лични сина два; и за чудо
исти тие на лика беа и по
име само ги распознававме.
Во исто време, некако, во истата
крчма, сиромашка една се породи
слично и роди две близни машки;
но, бедни бидејќи родителите беа
на доенчињата - ги купив тогаш
на децата мои да им служат.
Жена ми, горда на породот штедар,
вездеи ме наговараше за враќање

дома; се сложив безволно но прерано
се качивме на брод. Одвај на милја
бевме од Епидамно кога морето,
секогаш покорно на ветрот
болно го навести злото наше.
И брзо потоа в безнадеж бевме,
матната светлост што болсна од небо
само ни стана за душите плахи
гарант сигурен за брзата смрт
што радо сигурно ќе ја примев,
но плачот постојан на жена ми
што пред кобот претстоен растеше
и кемкањето болно на бебчињата,
кои не знаеја од што им е страв,
ме подбоднаа и пробав излез
некаков да најдам од безизлезот.
Морнарите побараа спас со чамец
а бродот што тонеше ни остана нам.
Жена ми го врза второроденчето
за резервната катарка што
морнарите ја чуваат за неол час
а со него и еден од другите
близнаци; на ист начин и јас се
погрижив за другите двајца;
штом така ги згриживме децата
жена ми и јас, со погледите во нив,
се врзавме за по еден крај од
катарката и пловевме напред
кон Коринт, носени од струјата,
или така ни се стори. Најпосле,
сонце огреа над земјата
и в час ги растера маглите гадни,
и под напливот на снопот светлина
морето се смири и видовме
бродови два што итаа кон нас,
еден од Коринт, од Епидамно друг,
но пред да стигнат - о, толку е доста
Солине, душава полна е со чемер до рам
што стана после ќе сфатиш и сам.

Војводата

Продолжи, старче, не запирај тука,
сожалба те чека но не и милост.

Егеон

Боговите такви да беа со мене
сега ќе немав зошто да ги колнам,
зашто пред да стигнат бродовите
на остри стени ние наидовме
и силно, помнам, удривме во нив
и бродот наш на две се расцепи
и при делбата неправедна судбината
праведно ни подели по исто,
по малку радост и по малку тага;
но делот нејзин, бидејќи под помал
товар пловеше, ветрот побрзо
го понесе напред; и видов кога
рибарите од Коринт ги фатија
сите тројца. Најпосле и другиот
стигна брод а посадата, бидејќи
знаеше кои сме, пријателски
нé прими нас, бродоломците.
Тие сакаа и рибарите
од пленот да ги лишат, но бавен
им беше бродот, па најпосле кон
татковината го насочија.
Тука мене ми сврши среќата
а несреќата на свет ме остави
за лошата коб да раскажувам.

Војводата

За атер на тие по кои жалиш
кажи ми сé што ви се случи оттогаш.

Егеон

Постариот син, постарото гајле,
кога наполни осумнаесет
почна за брат му да се распрашува
и ме молеше со слугата свој,
кој исто од брат му беше лишен,
но исто име носеше ко него,
да тргнат веднаш по оној за кого
умирав да го видам; му одобрив
животот негов ризикувајќи го.
Пет долги лета во Грција минав,
низ синорите Азиски лунsав сам
и на враќање, ете, допловив до Ефес,
без надеж да го најдам но решен
да го претресам секое место
во кое живеат луѓе. Но овде
скончанието ми било и среќен
сигурно ќе бидат во смртта моја
безвремена ако сите патувања
мои потврдат дека сепак се живи.

Војводата

Егеоне јаден, тебе што судбината
со најстражен јад те бележила,
верувај ми, да не е ова против законот
против круната, достоинството мое,
против она што дури ни кнезовите
и да сакаат, не смеат да го згазнат,
сигурно сега ќе те заштитев
но, иако си на смрт осуден
и пресудата не може да се смени
освен на штета на честа наша,
сепак ќе ти помогнам колку што можам;
еве ти давам уште еден ден
помош да побараш пријателска;
пробај кај сите познати во Ефес,
моли, коли, сумата натокми ја
и живеј; во спротивно ќе мора
да умреш. Затворничару, води го!

Затворничарот

Добро, господару.

Егеон

Без надеж, по помош одам леден
малку да го одложам крајот свој беден.

Сцена 2

(Влегуваат Антифол од Сиракуза, еден трговец и Дромио од Сиракуза.)

Трговецот

Затоа речете дека сте од Епидамно
имот да не ви го конфискуваат;
баш денеска еден трговец од Сиракуза
уапсен е а дојде овде. И бидејќи
нема пари за откуп, по законот мора да умре
пред зајдисонце. Не,
еве ги парите што ви ги чував.

Антифол од Сиракуза

Однеси ги во Кентаур на конак
Дромио, и чекај ме таму. Ручек
ќе биде уште малку, а дотогаш
ќе се проврткам малку низ град,
да ги видам трговците, зградите, а потоа легнувам в крчма оти скапан
уморен сум од патот. Оди сега.

Дромио од Сиракуза

Многумина би ве
држеле за збор и би збришале
баш со парите в џеб.

Антифол од Сиракуза

Доверливо момче, господине,
и често кога маки, зла ме мачат
со досетки знае да ме расположи.
Сакате заедно да шетнеме низ град
а потоа да јадеме кај мене в крчма?

Трговецот

Викнат сум, господине, од едни трговци
од кои добар пазар очекувам.
Простете ми, ве молам. Но, во пет
ако ви е по волја, да се сретнеме
на плоштадот и можеме да бидеме заедно
до пред легнување. А сега одам,
ме чека работата.

Антифол од Сиракуза

Довидување. Тогаш одам сам
ваму-таму низ градот да поминам.

Тровецот

Добар помин, господине.

Антифол од Сиракуза

Кој мене добар помин ми посакува
ми пожелува нешто туѓо за мене.
На светот сум ко капка вода
што друга капка во океанот бара
и кога друшката не ја наоѓа
паѓа и се губи. Така и јас, јадник
мајка ми барајќи ја и брат ми
паѓам и се губам.
(Влегува Дромио од Ефес.)
Еве го, се враќа. Календарот на мојот живот.
Што е? Што се врати толку брзо?

Дромио од Ефес

Се вратив брзо? Па јас ептен доцнам,
пилето загорело, прасето е ладно
часовникот ми удри дванаесет,
а господарката една по лице,
таа е жешка, јадењето ладно,
а ладно е оти не сте дома,
а не сте дома оти не сте гладни
не сте гладни оти не постите
а ние молитва што знаеме и пост
за гревот ваш си добивме по нос.

Антифол од Сиракуза

Доста, доста господине, кажи
парите кај ти се што ти ги дадов?

Дромио од Ефес

Што? Зар оној ситнеж што минатата
среда го добив да му платам на сарачот
за кускунот на господарката?
На сарачот му ги оставив, се колнам.

Антифол од Сиракуза

Не мафтај ме, момче, не ми е до шега
кажи, без маткање, парите кај се?
Овде сме странци а ти си дозволуваш
толкави пари да оставиш на друг?

Дромио од Ефес

Шеги господине терај на трпеза
а мене господарката ме прати по вас
и ако веднаш не дојдете одма
по тимба ќе ме фукне. И мислам
желудникот ваш ко мојот, господине
треба да биде часовник и без гласник
веднаш да ве испрати дома.

Антифол од Сиракуза

Слушај Дромио, шега си е шега
но за другпат чувај ја, човеку.
Кај е златото што ти го дадов?

Дромио од Ефес

Злато господине? Никакво злато
не сум примил од вас.

Антифол од Сиракуза

Слушај ти, господине гаду,
доста со глупостите, кажи
што направи со довереното?

Дромио од Ефес

Доверено единствено ми беше
од плоштад на ручек дома да ве доведам.
Госпоѓата и сестра ѝ ве чекаат.

Антифол од Сиракуза

Ко на човек одговори ми
на кое сигурно место ми се парите
или сега ќе ти ја здробам црпката
што се мајтапи кога ќе ѝ прдне.
Кај се илјадата дукати од мене
што ги прими?

Дромио од Ефес

Неколку модри дукати од вас
по тимба сум примил и уште неколку
по плеќи од господарката, но,
заедно никако не се илјада.
Кога би ви ги вратил, се плашам,
нема трпеливо да ги примите.

Антифол од Сиракуза

Од господарката?
Која ти е господарка, робе?

Дромио од Ефес

Жената на вашето господство
и моја господарка во Фебикс,
таа што гладува чекајќи ве за ручек
и ве моли дома да побрзате.

Антифол од Сиракуза

Што зарем в лице ми се потсмеваш?
Е, нема! Еве ти господине робе!

Дромио од Ефес

Што ви е господине? На страна
рацете! Неќете? Тогаш бришам!

Антифол од Сиракуза

Жими бога, вака или онака,
сите пари му ги зеле на подлецов!
Велат градов преполн е измами,
маѓионичари што те заслепуваат,
мрачни гледачки што те збудалуваат,
вештерки што ти ја кинат душата,
телото ти го бодат, лажговци
преправени, зборлести измамници,
и многу други рожби на гревот.
Ако е така, брзо заминувам.
Во Кенатаур одам гадов кајшто појде
се плашам златото по петлите оjде!

Чин ВТОРИ

Сцена 1

(Влегува Адријана, жена на Антифол
од Ефес и Лучијана, сестра ѝ.)

Адријана

Ни маж ми го има, ни робот
што итно го пратив по господарот
а веќе е два, Лучијана.

Лучијана

Може некој трговец го викнал
и од плоштад отишле право на ручек.
Смири се и да јадеме. Со својата
слобода господари мажот, а со мажите
времето;
тоа одредува кога да дојдат,
затоа стрпи се.

Адријана

Зошто мажите поглема слобода
имаат од нас?

Лучијана

Зашто работата не им е дома.

Адријана

Така да правам секој би ме плукал.

Лучијана

Узда е тој твоја што те зауздува.

Адријана

Само магарици за узда се водат.

Лучијана

Зол камшик демне над суетната слобода.
Не постои нешто под небесните стеги
на земја, во воздух, в море, што нема меги.
Sверовите, рибите, птиците воздушни,
на мажјаците свои им се послушни.
Луѓето, исконски многу над нив, сами
владеат со светот и со темните океани
имајќи ум повеќе и дарба за ука,
од птиците, рибите, - господарат тука
со нив и со жените свои; така и ти
треба вечно покорна да им си.

Адријана

И поради ова не сакаш да се мажиш?

Лучијана

Не, нешто друго кај бракот ме плаши.

Адријана

Би го поднела ли ова со мирна душа?

Лучијана

Пред да се вљубам ќе научам да слушам.

Адријана

А со друга мажот да ти појде?

Лучијана

Ќе чекам мирно дома да си дојде.

Адријана

Трпението е мирно мир штом му се даде,
меки се тие јаnsа што не ги јаде.
Душичка некоја в јад што кука сама
ја тешиме грижно да не плаче. Ама
некој од нас бол сличен да го снајде
во плач ист поголем ќе зајде.
Така и ти, немајќи маж да те јаде,
трпение сакаш за утеха да ми дадеш.
Но ако дочекаш маж твој да ти мрда
и ти од кожа ќе излезеш, ти тврдам.

Лучијана

Ќе се мажам да видам како ќе ми биде.
Еве го слугата, може и маж ти иде.

Адријана

Близу ли е господарот твој бавен?

Дромио од Ефес

Преблизу ми беше, жими ушиве црвени.

Адријана

Кажи, зборуваше ли со него,
што има на ум?

Дромио од Ефес

Што му беше на ум сега ми е на уши
раката да му капне, не знам што му стана.

Адријана

Зборуваше ли нејасно па не можеше
смислата да му ја почувствуваш?

Дромио од Ефес

Море удираше толку јасно што
предобро му ги почувствував ударите;
туку поводот му беше нејасен
и затоа не можев да го сфатам.

Адријана

Кажи, те молам, доаѓа ли дома?
Се чини премногу се труди
жената да си ја задоволи.

Дромио од Ефес

Госпоѓо, господарот мој е лудо рогат!

Адријана

Лудо рогат? Ѓубре едно!

Дромио од Ефес

Не реков дека е рогоносец
но сигурно е луд. Кога го викав дома
на ручек, праша за илјада дукати.
“Ручек е време,” реков; “Златото,” рече;
“Ви се лади јадењето,” реков; “Златото,”
рече;
“Ќе дојдете?” реков; “Златото,” рече;
“Кај се илјадата дукати, гаду,
што ти ги дадов?” “Прасето,” реков
“Златото,” рече. “Господарката, господине,”
реков; “Ѓавол да ја земе! Не ти ја знам,
господарката, ми е гајле за неа…”

Лучијана

Рече кој?

Дромио од Ефес

Господарот; “Немам,” рече тој.
“ни дом, ни жена, ни господарка.”
И така неговиот одговор на
поканата моја дома го носам на плеќи,
оти на крајот таму и ме испотепа.

Адријана

Оди пак, доведи го дома.

Дромио од Ефес

Да одам пак за пак да ме тепа?
Живи господ! Некој друг сега пратете.

Адријана

Назад, робе, или по тимба ќе те акнам.

Дромио од Ефес

А тој ударот со нов удар ќе го
благослови; меѓу вас двајца
целата глава ќе ми стане џумки.

Адријана

Многу ломотиш, простаку.
Оди доведи го господарот.

Дромио од Ефес

А толку ли сум тркалезен за како
топка по цел ден да ме шуткате?
Вие удирате тука а тој таму.
И удирате за да ви се множат
барем дури служам друга ставете ми кожа.

Лучијана

Уф, ама ти е лицето гневно.

Адријана

Крај метресата не му е здодевно,
а јас дома горам по насмевка блага.
Дали староста убавината друга
од образ ми ја зеде? Не, тој в жал ја сви.
Дали сум глупа? Чавка да не умот ми го испи?
Нељубезноста од мермерот повеќе
духовитоста ја гнаси. Зарем веќе
и алишта поубави носат други?
Но, негови се тоа заслуги,
тој е стопан на состојбата моја.
Ако чарите ми останале без боја,
единствениот виновник само е тој,
но сепак, со само еден сончев поглед свој
сета убавина може да ми ја врати.
Но, тој, елен распуштен, без жал да ме трати,
се храни надвор, преку плот скока,
а јас му служам ко најдолна стока

Лучијана

Отфрли ја љубомората штетна.

Адријана

Не сум ни будала ни малолетна.
Знам сега ѝ се додворува на друга,
инаку зошто не би бил тука.
Знаеш, сестро, ѓердан тој ми вети,
и зарем на него да не се сети,
и да не му текне за постелата брачна
и врз каменот бесценет сенка мрачна
паѓа, на златото сјајот му го зема
'рѓата згорна; и човек на свет нема
што добриот глас не ќе го загуби
ако 'рѓата место златото ја љуби.
На убавината тој ми нашол мана
затоа ќе плачам над она што остана
и плачејќи со смртта ќе се здружам.

Лучијана

Многу будали на лудата љубомора ѝ служат.

Сцена 2

(Влегува Антифол од Сиракуза.)

Антифол од Сиракуза

Златото што му го дадов на Дромио
навистина е во Кентаур, а верниот
мој слуга тргнал некаде да ме бара.
По моја пресметка и според крчмарот
не сум можел да зборувам со Дромио
во меѓувреме, но еве го, доаѓа.
Како е момче? Ти минаа лунките?
Ако сакаш ќотек, пак играј си со мене.
Не си чул за Кентаур? Не си примил злато?
Господарката те прати за ручек да ме
викаш?
Домот ми е во Феникс? Да не беше луд
што така лудо ми одговараше?

Дромио од Сиракуза

Одговарав лудо?
Кога и каде, господине?

Антифол од Сиракуза

Баш пред малку, овде,
полчас нема.

Дромио од Сиракуза

Не сум ве видел откако ме пративте
дома во Кентаур со златото.

Антифол од Сиракуза

Ѓубре, одрекна дека
златото го прими,
ми зборуваше за госпоѓата и ручекот,
но се надевам дека чувствуваш и сега
колку тоа ми се бендиса.

Дромио од Сиракуза

Мило ми е што
сте расположен,
но шегава на страна, господине.
Што значи таа?

Антифол од Сиракуза

Што? В очи ме лажеш,
ми се потсмеваш? Мислиш се шегувам?
Еве ти, еве!

Дромио од Сиракуза

Стојте, господару, живи господ.
Гледам ѓаволот шегата ја однел.
Но, зошто вака со мене постапувате?

Антифол од Сиракуза

Зашто пријателски кога тогаш
ко со шут со тебе си муабетам
ти си дозволуваш да се поиграш
со љубовта моја и часовите зрели
ми ги уништуваш кога ќе ти текне.
Кога свети сонцето и комарецот
празен нека се весели, но в дупка
нека се скрие штом ова се смрачи.
Ако сакаш со мене да се шегуваш
првин погледај ме и по изгледот мој
приспособи се или со ќотек
тимбата тврда ќе ти ја приспособам.

Дромио од Сиракуза

Тврда велите? Сакам
да ми биде само глава
ако престанете со ударите, но ако
продолжите
ќе морам да си најдам шлем или да
ви свртам грб и да фатам магла; но ве молам,
господине, зошто сум тепан?

Антифол од Сиракуза

Не знаеш?

Дромио од Сиракуза

Не, господару, знам
само дека сум тепан.

Антифол од Сиракуза

Сакаш да ти кажам зошто?

Дромио од Сиракуза

И зошто и зашто,
господару; велат секое зошто
си има и зашто.

Антифол од Сиракуза

Прво зашто ми се потсмеваш
а второ што се обидуваш пак
да ми се потсмеваш.

Дромио од Сиракуза

Изел ли некој ќотек толку дебел
без зошто и без зашто? Па, господару
ви благодарам.

Антифол од Сиракуза

Ми благодариш зошто?

Дромио од Сиракуза

За нештово што го добив
за ништо, господару.

Антифол од Сиракуза

Следниот пат, како дополнение,
ќе ти дадам ништо за нешто. Но,
момче, ручек ли е време?

Дромио од Сиракуза

Не, господару, месото уште не е како мене.

Антифол од Сиракуза

Како?

Дромио од Сиракуза

Смекнато.

Антифол од Сиракуза

Може ќе се препече, момче.

Дромио од Сиракуза

Ако стане такво, господару,
тогаш, ве молам, да не јадете.

Антифол од Сиракуза

Зошто?

Дромио од Сиракуза

Да не збеснете па да си добијам
ново препечено смекнување.

Антифол од Сиракуза

Па момче, научи
да се шегуваш во вистинско време;
сé во свое време.

Дромио од Сиракуза

Би ви одрекнал да не сте
така гневни.

Антифол од Сиракуза

Врз која основа, момче?

Дромио од Сиракуза

Па, господару,
врз основа на фактот
чист ко лејката ќелава на самиот
татко на времето.

Антифол од Сиракуза

Да чујам.

Дромио од Сиракуза

Оној што оќелавил по
природен пат нема време
да си ја поврати косата.

Антифол од Сиракуза

Ни по судски пат?

Дромио од Сиракуза

Ни судски. Единствено
му останува да си купи перика
и да си ја поврати косата, но од друг човек.

Антифол од Сиракуза

Зошто времето е толкава цицја
за коса, кога таа толку бујно расте?

Дромио од Сиракуза

Затоа што тој благодет
им го дава на
животните а она што им го зело на луѓето
во косата им го дало во паметот.

Антифол од Сиракуза

Но, многу луѓе имаат
повеќе коса од памет.

Дромио од Сиракуза

Ниеден не е без толку
памет за да си ја загуби косата.

Антифол од Сиракуза

Но ти заклучи дека
којшто има многу коса
им малку памет.

Дромио од Сиракуза

Помалку памет побрзо се губи;
но и за тоа има причина.

Антифол од Сиракуза

Која?

Дромио од Сиракуза

Има две и тоа добри.

Антифол од Сиракуза

Немој добри, те молам.

Дромио од Сиракуза

Тогаш, сигурни.

Антифол од Сиракуза

Не може сигурни
во таква сомнителна работа.

Дромио од Сиракуза

Видливи, тогаш.

Антифол од Сиракуза

Кажи ги.

Дромио од Сиракуза

Првата е да заштеди
пари што ги троши за дотерување;
а втората, кога јаде да не му
паѓаат влакна в чорба.

Антифол од Сиракуза

Цело време сакаш да
докажеш дека нема време сé да се стигне.

Дромио од Сиракуза

Тоа и го сторив, господару;
докажав дека нема време да се поврати
косата изгубена по природен пат.

Антифол од Сиракуза

Но, не ти е добра
причината зошто нема
време таа да се поврати.

Дромио од Сиракуза

Ќе ја подобрам; и
времето е ќелаво па до

пропаста на светот ќе има
ќелави следбеници.

Антифол од Сиракуза

Знаев дека и
заклучокот ќе биде ќелав:
но гледај, некој ни мафта.

Адријана

Да, да, Антифоле, не ме познаваш,
се муртиш, насмевката за друга
ја чуваш; јас не сум Адријана,
не сум жена ти. Понекогаш и сам
се колнеше дека нема зборови
што се музика за увото твое,
ни предмет пријатен за погледот твој,
ни допир мил за твојата рака,
ни јадење вкусно ако лично
не ти зборувам, не те гледам, не те
допирам или не те служам јас.
И од каде сега, мажу мој, од каде,
сам од себе си се оттуѓил ти?
Да, велам, сам од себе, оти си оттуѓен
од мене што сум нераскинливо со тебе
споена и подобра ти сум половина.
Ох, не дели се мажу мој од мене;
знај, сакан мој, оти е полесно
капка вода в море да фрлиш и
оттаму несмешана да ја вратиш,
ни зголемена ни смалена, одошто
да се одземеш себеси од мене без
и мене да ме земеш. Зар срчка
не ќе те удри да чуеш дека сум курва?
И дека телово, што тебе ти припаѓа
извалкано е од разврат бесрамен?
Би ме плукал, гмечел и мажот
измајмурен постојано би го спомнувал,
кожата би ми ја одрал од телото грешно,
прстенот би ми го отсекол од раката нев-
ерна,
и би го скршил барајќи развод.
Знам дека можеш, па да видам, ајде!
Ме опфаќа сега прељубнички срам,
крвта ми се меша со бесрамен разврат,
оти ако двајцата сме едно а ти неверен,
тогаш и јас од тебе отровот го примам
и со допирот твој станувам блудница.
Затоа биди верен на верната постела твоја,
за чиста да останам а ти честит.

Антифол од Сиракуза

Мене ми зборувате, госпоѓо
лична? Не ве познавам. Само
два часа сум во Ефес и градот ваш
како и говорот ваш ми се туѓи.
Секој ваш збор без напор го фаќам,
но значењето, простете, не го сфаќам.

Лучијана

Боже, колку си се изменил, зете.
Никогаш не си бил со сестра ми ваков.
Таа го прати Дромио да те викне
дома на ручек.

Антифол од Сиракуза

Дромио?

Дромио од Сиракуза

Мене?

Адријана

Тебе, а ти одговор ми донесе
дека те тепал и тепајќи ти одрекнувал
дека домот мој е негов а негова жена јас.

Антифол од Сиракуза

Си зборувал ли, момче, со госпоѓава?
Со каква цел заговор си сковал?

Дромио од Сиракуза

Јас господару? Првпат сега ја гледам.

Антифол од Сиракуза

Лажеш, подлецу, баш овие зборови
нејзини ти на плоштадот ми ги кажа.

Дромио од Сиракуза

Никогаш со неа не сум зборувал.

Антифол од Сиракуза

Како тогаш имињата ни ги знае.
освен, боже мој, ако не е видовита?

Адријана

Не ти доликува на достоинството
да се вадиш со слугата толку ниско
терајќи го мене да ме лути.
Откако замина, душата ми тежи,
не гази ме уште и со својот презир;
јас, еве, се фаќам за ракавот твој,
ти си даб а јас лоза мажу мој,
и слаба бидејќи, со силата ти се плетам
и така успевам да се поистоветам;
и ако нешто од мене те трга,
троскот е тоа, мов, или пиреј пргав,
што на сон ќе те пие, гуши,
сé дури ти не се исплевиш в душа.

Антифол од Сиракуза

Мене ми зборува, ме кори мене,
зарем на сон со неа сум се женел?
Или може спијам а мислам дека слушам?
Каква грешка сетилата ни ги куша
дури не го проверам сомнежов сигурен
го примам привидов од други изнуден.

Лучијана

Дромио, нека го стават ручекот, оди!

Дромио од Сиракуза

Бројниците кај ми се,
грешник сум господи, ова е маѓепсана земја;
бог нека ни се смили,
говориме со вештици, духови, вили
треба покорен пред нив да се седи
инаку пропаст, ќотек на мртво ни следи.

Лучијана

Што туку дрдориш, Дромио, ѓавол
да те земе,
место да одговориш, ко трут, полжав,
лигавец ми дремиш.

Дромио од Сиракуза

Преобразен сум, зарем не, господару?

Антифол од Сиракуза

Во мислите да, исто ко и јас.

Дромио од Сиракуза

Не, господару, туку и в мисли и на лик.

Антифол од Сиракуза

Ист имаш облик.

Дромио од Сиракуза

Не јас сум мајмунолик.

Лучијана

Море магаре си станал цело.

Дромио од Сиракуза

Точно, таа ме јава а јас гледам бело.
Така е магаре сум, глупаво сум таел,
инаку, ко таа мене и јас неа би ја знаел.

Адријана

Доста глумев будала,
ги пикав прстите в очи и плачев
а господарот и неговиот слуга
презриво ми се потсмеваа.
Одиме господине на ручек; Дромио
застани на врата. Мажу, ќе ручам со тебе
горе, а ти сите ујдурми таму
ќе ми ги раскажеш. Момче, ако некој
праша за господарот, речи му
руча в град и никој жив не пуштај;

ајде сестро! Дромио прави ко што реков.

Антифол од Сиракуза

На земја ли сум, на небо
или в пекол? Сон ли е ова или јаве?
Здрав сум или сум се мрднал негде?
Сам да не се знам, а познат сум сегде?
Ќе зборувам со нив сé како што им годи
а само бог низ маглава нека ме води!

Дромио од Сиракуза

Господару, да застанам на врата сега?

Адријана

И не пуштај ни пиле. Умот нека не те стега.

Лучијана

Да ручаме, Антифол, времето си бега.

Чин ТРЕТИ

Сцена 1

(Влегуваат Антифол од Ефес, Дромио од Ефес, златарот Анцело и трговецот Балтазар.)

Антифол од Ефес

Прости за ова, господине Анџело
но жена ми е алергична на доцнење;
кажи сум се здржал кај тебе в дуќан
околу изработката на ѓерданот
што утре лично ќе ѝ го донесеш.
Ха, ова е подлецот што тврдеше
дека сум го сретнал на плоштад,
сум го тепал барајќи му илјада дукати
и уште сум рекол дека немам ни жена ни дом,
Кажи пијаницо, што мислеше со тоа?

Дромио од Ефес

Ти само баботи, јас си знам тоа што го знам.
На плоштадот ме искрши и доказ ќе ти дадам.
Кожава да е пергамент, ударите мастило
ракописот ти кажува како сé си било.

Антифол од Ефес

Магаре!

Дромио од Ефес

Море магаре магаросано сум,
штом седам да ме тепаш без причина;
да имам право барем една да ти вратам
друштвото магарешко ќе ти го скратам.

Антифол од Ефес

Сериозен сте, Балтазар, но овде
ќе ве нагостиме како да сте дома.

Балтазар

Од добредојдето подобра нема гозба.

Антифол од Ефес

Но господине,
трпезата со добредојде не вреди ништо
ако нема риба или мевце фришко.

Балтазар

Добрата трпеза просто е дело.

Антифол од Ефес

А попросто добредојдето од зборови цело.

Балтазар

Прост оброк и убав дочек, ете ти помин.

Антифол од Ефес

Да, за стегнат газда и штедлив гостин
може храната, господине, многу да ми вреди
но, добредојде кралско сигурно ви следи.
Што, заклучено? Оди, нека отворат веднаш!

Дромио од Ефес

Мод, Бригита, Маријана, Џени, Луцио
вредна!

Дромио од Сиракуза

(Од внатре.) Мамлазу, коњу, гојдо, кретену
стоко бедна, чисти се не вредиш ни за една

иако по толку жени се дереш
ко да си во јавна куќа. Магла, реков, шишко!

Дромио од Ефес

Да не си се мрднал човеку?
Зарем господарот на улица да виси
со саати?

Дромио од Сиракуза

Ако е будала може и настин да фати.

Антифол од Ефес

Кој зборува од внатре? Еј, отворете!

Дромио од Сиракуза

Првин кажете зошто, господине?

Антифол од Ефес

Зошто? За да јадам! Гладен сум ко кутре!

Дромио од Сиракуза

Не може денес, пробај, дојди утре!

Антифол од Ефес

Кој си ти што не ме пушташ дома?

Дромио од Сиракуза

Вратар господине, се викам Дромио.

Дромио од Ефес

Гад, и работата и
името ми ги украл,
а што имам од нив? Само беда кутра.
Да беше денес на моето место
сигурно името не ќе го кажуваше често.

Луција

(Од внатре.) Што е Дромио? Кој надвор се дере?

Дромио од Ефес

Пушти го господарот.

Луција

Доцна е. Него веќе ништо не го пере. Така кажи му.

Дромио од Ефес

Поговорката вели:
Тропни да ти отворат пред вратата влезна,

Луција

Онаа на кукувден е пополезна.

Дромио од Сиракуза

Ако си Луција, браво Луција, добро го зезна.

Антифол од Ефес

Слушај девојко, отворај веќе еднаш.

Луција

Чувте што треба.

Дромио од Сиракуза

А веднаш не чувте.

Антифол од Ефес

Трторешке, пушти ме!

Луција

Аха, ама оти?

Дромио од Ефес

Господару, удрете!

Луција

Баш ќе се испоти.

Антифол од Ефес

Ќе ми платиш мочло, само прагов да се мине.

Луција

Пред тоа робија тешка не ти гине.

Адријана

Кој прави пред врата толкава врева?

Дромио од Сиракуза

Батакчии ви е градов прс и плева.

Антифол од Ефес

Ти си жено? Кај си да се јавиш?

Адријана

Твоја жена? Гаду, најди друга да ја давиш.
(Излегува со Луција.)

Дромио од Ефес

За ова гаду, господару, мора да ѝ вратиш.

Анџело

Овде нема ни добдредојде ни гозба вредна.

Балтазар

Расправавме што е подобро, а останавме без ниедна.

Дромио од Ефес

Сега господару, понудете им гозба извонредна.

Антифол од Ефес

Чуден некој ветер овде ми дува.

Дромио од Ефес

А облеката нешто слабо ве чува;
внатре колачиња топли, а вие на студ страден
секој би полудел вака насамарен и гладен.

Антифол од Ефес

Донеси нешто, вратата ќе ја скршам.

Дромио од Сиракуза

(Од внатре.) Само пробај, ќе ве сторам ‘ршум.

Дромио од Ефес

‘Ршум од зборови правиш но, ете
зборовите се само магла и ветер
кажувај ги затоа право во нашите лица
а не скриен ко некоја кукавица.

Дромио од Сиракуза

Види го, ко да му фали штица. Надвор!

Дромио од Ефес

Надвор па надвор, сакам еднаш внатре.

Дромио од Сиракуза

Кога ќе се бричат комарците.

Антифол од Ефес

Донеси чивија. Ќе влезам на сила.

Дромио од Ефес

Чивија, чивија, одрана лија.
Комарецу, на шутки што ти личиме
со една чивија на суво ќе те избричиме!

Антифол од Ефес

Мрдни човеку, донеси ми чивија!

Балтазар

За трпение господине ве молам
зашто вака на својот углед
атакувате и фрлате сомнеж
врз честа неоскверната на жена ви.
Вашето долгогодишно познавање
на мудроста нејзина, трезвеноста
потоа почитта кон годините нејзини,
смерноста, укажуваат дека госпожата
од причина непозната за вас
ова го направила. Убеден сум
господине, дека оправдување
има што денеска на заклучена врата
наидовте. Затоа, послушајте ме.
Да одиме мирно во Тигар и таму
заедно да ручаме а приквечер
вратете се сам и дознајте ја
причината за постапкава чудна.
Со сила ако влезете сега,
сред бел ден што се вели,
само за тоа цел Ефес ќе зборува
а простаците бргу ќе ви извадат глас,
глас лош што коткан подмолно
може потоа до гроб да ве бие.
Клеветата клевети безброј си раѓа
валканото од нив ништо не го ваѓа.

Антифол од Ефес

Ме убедивте. Ќе заминам
мирно, и покрај гневот, ќе бидам весел.
Знам една во сé одлична жена
лична, умна, жестока а нежна;
ќе јадеме кај неа; жена ми за ова
често неправедно ме кореше.
Ќе јадеме баш таму; *(На Анџело)*
Оди, донеси го, ѓерданот, што верувам
е готов; донеси го, те молам,
во Бодликаво прасе, така куќата се вика
за инает баш, ѓерданот од жена ми
на домаќинката ќе ѝ го дадам.
Брзни, те молам, господине.
Бидејќи кај мене клуч на врата има
ќе чукнам друго место, белки таму ќе ме
примат.

Анџело

За еден час господине ќе дојдам.

Антифол од Ефес

Да. И така со шегава скапо ќе пројдам.

Сцена 2

(Влегуваат Лучијана и Антифол од Сиракуза.)

Лучијана

Можно ли е сосем да си заборавил
на должноста брачна? Зарем не е срам
во пролетта љубовна цутот да е гнил
на љубовта што сé уште зрее? Ако
пак сестра ми си ја зел за пари, тогаш
за парите почитувај ја главно. А
чувствата кон другата што те господари
барем притај ги, не фали се јавно.
Не давај сестра ми да гледа како
срамот твој голем низ заби ти се цеди,
биди фин, слаткоречив, неверен иако,
од порокот прави доблест што вреди.
На срце гнасен но чист на лик биди,
учи го гревот во светец да се кали,
греши тајно: зарем мора таа сé да види?
Има ли крадец со пленот што се фали?
Двојно е зло - постелата да ја валкаш
а невината жена да го знае гревот?
Срамот се шири со вештина мала
од лошото, зборот лош, две зла прави.
А жената лековерна, си ја дал господ,
кон зборот ваш плиток, длабоко е смерна,
љуби друга но барем еден посто
давај ѝ неа и пак ќе ти е верна.
Затоа зете, кај сестра ми појди
утеши ја, ободри ја, да не се лути
свеста е работа со ласки да се служиш
кога прават дома мирот да ти цути.

Антифол од Сиракуза

Госпоѓо слатка, не знам како се викаш
ни од каде ти име то ми го знаеш,
но по знаењето, чарите, ми си слика
на нашето величество свето.
Научи ме затоа да зборувам и мислам,
на умот мој темен, тап и плиток
откриј му го сега, мила дамо
од зборовите твои значењето скрито.
Вистината чиста зошто ли ја кориш
по непознат мегдан везден да лида?
Божица да не си? Пак ли ќе ме створиш?
Престори ме, тогаш покорен ќе ти бидам
но ако сега во својата сум кожа
ти тврдам дека сестра ти не ми е жена,
на постелата нејзина не ѝ должам ништо
по тебе јас сега најмногу венам.
О, не лости ме сирено да се давам,
во морето солзи на твојата сестра,
пеј, и срцево срцето ќе ти го носи
по талазите распушти ги сребрените коси
на нив да легнам за да се смирам,
и в занес да сфатам дека добивка
е смртта за оној што вака умира.

Лучијана

Луд ли си што зборуваш вака?

Антифол од Сиракуза

Луд не сум туку залуден а не знам како.

Лучијана

Окото твое те заслепи значи.

Антифол од Сиракуза

Штом гледа во тебе о, сонце што зрачиш.

Лучијана

Гледај кајшто треба па ќе гледаш чисто.

Антифол од Сиракуза

Мижењето, драга, и гледањето се
исто.

Лучијана

Не викај ме драга. Сестра ми ти е сé.

Антифол

Сестра на сестра ти.

Лучијана

Значи сестра ми.

Антифол од Сиракуза

Не тоа си ти, единствена моја вило
на оково око бистро, на срцево срце мило,
судбина и надеж во мене што гнездат
на земјата рај, во рајот ѕвезда.

Лучијана

Сестра ми знам тоа би била.

Антифол од Сиракуза

Сестра ако сакаш наречи се мила,
но јас те љубам за век ќе те земам,
ти немаш маж а јас немам жена.
Дај ми рака.

Лучијана

Тоа е господине, веќе надеж.
Ќе ја викнам сестра ми согласност да даде.
(Заминува. Влегува Дромио од Сиракуза.)

Антифол од Сиракуза

Што е сега Дромио? Кај брзаш така?

Дромио од Сиракуза

Ме познавте ли господине? Дали сум јас
вашето момче? Дали сум јас- јас?

Антифол од Сиракуза

Ти си Дромио, ти си моето момче,
ти си ти.

Дромио од Сиракуза

Јас сум магаре, јас сум момче на една
жена и не сум при себе.

Антифол од Сиракуза

Момче на која жена? И зошто
не си при себе?

Дромио од Сиракуза

Навистина господине, не сум при себе,
и припаѓам на една жена, онаа што полага
право
на мене, што ме прогонува, што вели ќе ме
има.

Антифол од Сиракуза

Какво право полага на тебе?

Дромио од Сиракуза

Такво какво што вие, господине, би полагале на вашиот коњ; а би сакала да ме има баш како
животно, а правото на мене го полага
не затоа што сум животно, туку зашто таа е
многу животинско суштество.

Антифол од Сиракуза

Што е таа?

Дромио од Сиракуза

Многу почитувано животно. Такво
за кое, пред да зборуваш, мора да се
извиниш.
Таа е слаба партија за мене ама женачката
би ми била дебела.

Антифол од Сиракуза

Како мислиш женачката би ти била дебела?

Дромио од Сиракуза

Така господине, таа е готвачка и сета е сало
и не знам за што би ми користела освен
да направам ламба од неа и со помош на
нејзината светлина да збришам.
Тврдам дека нејзините партали и лојот во
нив ќе горат цела зима. Ако го доживее
денот на Страшниот суд, цела една недела
ќе гори подолго од светот.

Антифол од Сиракуза

Каква е на лик?

Дромио од Сиракуза

Црна ко ќон а на лице како запршка. Зошто? Зашто се поти, човек може да ѝ се зацапа до колена в лице.

Антифол од Сиракуза

Тоа е мана што ја чисти водата.

Дромио од Сиракуза

Не господине, маната е внатрешна. Ни потопот на Ное не би ја исчистил.

Антифол од Сиракуза

Како се вика?

Дромио од Сиракуза

Нела, господине. Но ни името нејзино и три четвртини, односно ни аршини и тричетвртини
не ќе ја измерат од едниот колк до другиот.

Антифол од Сиракуза

Значи ептен е широка.

Дромио од Сиракуза

Колку што е од глава до петици, толку е од колкот до колкот; и уште е тркалезна ко глобус,
на неа можам да најдам разни земји.

Антифол од Сиракуза

На кој дел од нејзиното тело стои Ирска?

Дромио од Сиракуза

Па да простите, господине, на задникот. Тоа го открив по мочуриштата.

Антифол од Сиракуза

А каде е Шкотска?

Дромио од Сиракуза

Ја најдов по голотијата. Точно на дланката од нејзината рака.

Антифол од Сиракуза

А Франција?

Дромио од Сиракуза

На нејзиното чело, вооружена и бунтовна, во
војна против сопствениот владетел.

Антифол од Сиракуза

А Англија?

Дромио од Сиракуза

Ги барав гребените од варовник, но не најдов
белина во нив но мислам дека ѝ стои на брада судејќи по
солената вода што течеше меѓу неа и Франција.

Антифол од Сиракуза

А Шпанија?

Дромио од Сиракуза

Да бидам искрен, не ја видов; но ја сетив нејзината врелина во здивот на готвачката.

Антифол од Сиракуза

А Америка, Индија?

Дромио од Сиракуза

О, господине, на нејзиниот нос украсен со рубини, сафири и смарагди и свртен со

сиот сјај кон врелиот здив на Шпанија која
испрати цела армада трговски бродови да се
натоварат со богатството од нејзиниот нос.

Антифол од Сиракуза

Каде се Белгија, Холандија?

Дромио од Сиракуза

Е, да простите, господине, толку
ниско не гледав. И да завршам. Оваа
простачка
или вештерка рече дека сум нејзин, ме
нарече
Дромио, се заколна дека сме дале завет
еден на друг; ми ги изнареди нишаните што
ги имам како што се белегот на рамото,
бемката на вратот, големата брадавица на
левата рака, а јас, вчудовиден побегнав од
неа како од авет. И чинам
да немав гради тврди, срце челик
пес ќе ме стореше, да вртам ражни цели.

Антифол од Сиракуза

Оди брзо до пристаништето
и ако ветрот дува од брегот
кон било каде, повеќе во градот
ни ден не останувам; а ако
видиш брод да испловува
на плоштад јави ми веднаш
таму ќе се вртам чекајќи те;
ако никого не познаваме а нас нé знае секој
знак е да бегаме во друг правец некој.

Дромио од Сиракуза

Ко човек од мечка во страв што бега
бегам пред таа што за маж ме бара сега.
(Излегува.)

Антифол од Сиракуза

Единствено вештерки живеат овде,
затоа морам да заминам веднаш;
таа што маж свој ме вика,
од душа за жена ја нејќам. Но сестра ѝ лична
што толку нежна убавина ја краси
и однос смерен, ќе ме натераше
за малку предавник свој да станам;
во луњите божји над мене да не се кренат
ќе се оглушам на песната од таа сирена.
(Влегува Анџело со ѓерданот.)

Анџело

Господине Антифол.

Антифол од Сиракуза

Да, така се викам.

Анџело

Знам, знам, господине. Еве го ѓерданот.
Мислев да го донесам кај Бодликаво прасе
но не беше готов па се задржав.

Антифол од Сиракуза

Што сакате да сторам со него?

Анџело

Ваша волја. За вас го правев.

Антифол од Сиракуза

За мене, господине?
Не сум го порачал.

Анџело

Не еднаш, не двапати, туку стопати.
Одете дома, израдувајте ја жена ви,
а негде по вечера ќе свратам
парите да ги примам за ѓерданот.

Антифол од Сиракуза

Поарно сега примете ги
оти ни ѓердан ни пари ќе видите.

Анџело

Баш сте духовит господине, збогум.
(Излегува).

Антифол од Сиракуза

Не знам што да мислам за сé ова
но едно сигурно знам: би бил голема глу-
перда
да одбијам вака понуден ѓердан,
овде за никого нема зима
штом дарови златни по улици има…
По Дромио одам сега на плоштадот
ако нашол брод, да бегаме од градот.

Чин ЧЕТВРТИ

Сцена 1

(Доаѓаат Трговец, Анџело и Џандар.)

Трговецот

Уште за Духови рокот истече,
но јас многу не навалував;
и не би ни сега но ете, заминувам
за Персија а парите ми требаат
за пат; затоа веднаш исплати ми
или џандаров ќе те апси.

Анџело

Истата сума што ти ја должам
ја имам за примање од Антифол;
баш прееска пред да те сретнам
му го дадов ѓерданот а во пет сатот
тој треба да ми плати. Те молам,
затоа, да појдеме до домот негов
кајшто, со благодарност, долгот
ќе ти го вратам.
(Доаѓаат Антифол и Дромио од Ефес)

Џандарот

Не мачете се, еве го, господинот, доаѓа.

Антифол од Ефес

Јас одам дома кај златарот, а ти
купи јаже; тоа е подарок за жена ми
и нејзината банда што ми затворија
денес вратата пред нос. Но, среќа
еве го златарот. Сепак тркни,
купи јаже и дома донеси ми го.

Дромио од Ефес

Тоа јаже стопати нив ќе ги јажоса.
(Заминува.)

Антифол од Ефес

Само лудак може да се потпре на вас;
ветив дека вие со ѓерданот ќе дојдете
но ни ѓердан видовме ни златар. Чинам
помисливте љубовта ни́ е со ѓердан
врзана па затоа, господине,
не повелавте да дојдете.

Анџело

Шегата настрана, еве ви потврда
за тежината на ѓерданот до грам,
за финоста на златото и цената за рака
што заедно чинат три дукати повеќе
од долгот мој кон господинот. Ве молам,
веднаш да му исплатите; тој заминува
на море и само ова тука го задржува.

Антифол од Ефес

Не носам пари со себе а и имам
работа в град. Господине, бидете
добар, одведете го туѓинецот кај мене
дома, однесете го ѓерданот, а жене ми,
по приемот веднаш ќе ви плати; можеби
и јас ќе стигнам дотогаш.

Анџело

Тогаш ѓерданот дајте ѝ го вие.

Антифол од Ефес

Не, однесете го вие; може ќе задоцнам.

Анџело

Добро, господине нека е така. Го
имате ли ѓерданот кај вас?

Антифол од Ефес

Јас го немам,
но верувам дека вие го имате инаку
без пари ќе се вратите од кај мене.

Анџело

Најсериозно ве молам, господине
да ми го дадете ѓерданот; и времето
и ветерот се поволни за господинов
кајшто не може да исплови само заради
мене.

Антифол од Ефес

Боже! Зарем сакате вака
да го оправдате вашето недоаѓање
во "Бодликаво прасе"? Место
јас да ве корам за недостојноста
вие овде ми се преправате како жена.

Трговецот

Времето врви. те молам, господине,
сврши со ова.

Анџело

Гледате дека сум во мака. Ѓерданот!

Антифол од Ефес

Дајте ѝ го на жена ми па ќе ви платам.

Анџело

Знаете дека пред малку ви го дадов.
Испратете го или испратете ме со
потврда некаква.

Антифол од Ефес

Е, сега навистина претеравте;
камо ѓерданот да го видам.

Трговецот

Времето ми е скапо. Кажете,
господине, ќе плаќате или не?
Ако не плаќате тогаш на џандаров
го предавам.

Антифол од Ефес

Да ви платам? Што да ви платам?

Анџело

Парите што ми ги должите за ѓерданот.

Антифол од Ефес

Ќе ви платам ако ѓерданот ми го дадете.

Анџело

Ви го дадов пред половина час.

Антифол од Ефес

Ништо не ми дадовте;
велејќи го ова многу ме навредувате.

Анџело

А вие уште повеќе, господине, одречувајќи.
Помислете само, колку ова ми штети
на угледот.

Трговецот

На моја тужба,џандаре, апси го.

Џандарот

Секако,
во име на војводата, следете ме.

Анџело

Е, тука веќе нема мрдање;
или платете за мене или

џандаров, на моја тужба, ќе ве апси.

Антифол од Ефес

Да платам за она што не го примив?
Апси ме, глупаку, ако смееш.

Анџело

Еве ти плаќа, џандару. Апси го!
Ни братот роден не би поштедил
вака безобразно да ме унижи.

Џандарот

Ве апсам, господине. Тужбата ја чувте.

Антифол од Ефес

До плаќањето на откупот, се покорувам,
но за ова не ќе можеш, сињоре,
да платиш ни со сето злато од дуќанот.

Анџело

Убеден сум господине дека жив резил
ќе станеш во Ефес. Правдата знам
е на моја страна.
(Доаѓа Дромио од Сиракуза од кај пристаништето.)

Дромио од Сиракуза

Господару, еден брод од Епидамно
чека само стопанот да се качи
па да отплови. Нашите пљачки
веќе ги товарив а купив и
масло,балсам и добра ракија.
Бродот е спремен, добар ветар
од копното дува; го чекаат уште
господарот, капетанот и вас.

Антифол од Сиракуза

Што? Лејко луда, овцо глупа!
Кој брод од Епидамно мене ме чека?

Дромио од Сиракуза

Оној за кој ме пративте да го најдам
и за пловидба наша да уплатам.

Антифол од Ефес

Робу пијан, по јаже те пратив
и уште ти кажав зошто ми треба.

Дромио од Сиракуза

По јаже за бесење можеби.
Господине, ме пративте по брод на
пристаниште.

Антифол од Ефес

Ова другпат ќе го расчистам со тебе
и ќе ги научам ушите да слушаат
добро; а сега, гаду, марш кај Адријана,
дај ѝ го клучот и кажи ѝ дека
во ковчегот послан со турски дифтик
има ќесе со дукати; нека ми го прати.
Кажи ѝ дека сум уапсен на улица
а со тоа откупот ќе се плати.
А сега трк, робу! Напред, џандару,
дури не стигне ќесето, водиме в затвор.
(Заминуваат сите освен Дромио од Сиракуза.)

Дромио од Сиракуза

Кај Адријна, - баш таму ручавме,
а таму онаа каца тврдеше
дека сум ѝ маж! Но мислам дека
е предебела за прегратката моја.
Таму морам иако ме влече душа,
слугата мора господарот да го слуша!

Сцена 2

(Доаѓа Адријана и Лучијана.)

Адријана

Што? Лучијана, и те заведувал?
Му виде ли јасно в очи дека те
посакува? Кажи ми, речи да или не,
беше ли црвен или блед, го мислеше
ли тоа или сето беше блеф? Зборувај
за одсјајот на лик што му шета
од метеорите в срце што му светат.

Лучијана

Првин одрече дека на него имаш право.

Адријана

А кое право не ми одрекол врагот?

Лучијана

Потоа се заколна дека странец е во градот,

Адријана

Уште и чесно се заколнал гадот.

Лучијана

Потоа му зборував за тебе.

Адријана

И?

Лучијана

Љубовта што ја барав за тебе
тој од мене ја бараше за себе.

Адријана

И зборувај со што проба да те лости?

Лучијана

Со зборови страсни, што, боже ме прости,
искрени да беа ќе ги ценев безмерно.
Главно убавината ми ја фалеше, па речта
смерна.

Адријана

Што? Така фино пљампавте?

Лучијана

Смири се, па ќе ти кажам.

Адријана

Нити сакам нити пак можам.
Од оваа во друга не се може кожа,
улогав е тој, стар, суров, гаден,
злобен, алипен, безобличен, јаден;
намќор, шутрак, развратен до гуша,
никаков на тело, поинаков на душа.

Лучијана

Зарем по гадов, тогаш, љубомориш вака?
По злото пропаднато никој не подал рака.

Адријана

Подобро му мислам од она што го велам,
па така лошото од него се губи,
птицата подалеку од гнездото цивка,
јазикот го колне, но срцето го љуби.

Дромио од Сиракуза

Трк, ковчегот, ќесето, брзо, ах чудо!

Лучијана

Каj си го загубил здивот?

Дромио од Сиракуза

Трчав лудо.

Адријана

Кај ти е господарот? Дали е арен?

Дромио од Сиралуза

В апс е, значи е арен ко компир варен.
Ѓавол во наметка подмолно го зграби,
со камено срце и челични заби,
змев, фурија, нафака лоша,
враг, не! Полошо, човек во воловска кожа,
душкало, кодош, темничиште едно
што луѓето ги следи по сокаци бедно,
загар што те пика во смртоносна мамка
пред судот на врат да ти навре јамка.

Адријана

Што е човеку? Во што е работата?

Дромио од Сиракуза

Во тоа што не знам,
знам само дека е в затвор.

Адријана

Затвор велиш? А по чија тужба?

Дромио од Сиракуза

По чија тужба, госпоѓо. јас не знам,
но дека оној со кожата го апси, тоа знам.
Ќе му го платите ли откупот
со парите од турскиот ковчег?

Адријана

Оди, донеси ги, сестро.
(Излегува Лучијана.)
Баш случка гадна,
а јас не знам ни кога в долг падна.

Дромио од Сиракуза

Падна на долгот и тој
и тој сега го гони
а долгот е ѓердан, слушате ѕвони?

Адријана

Што, ѓерданот?

Дромио од Сиракуза

Ѕвончето. Знак да оди слугата верен,
беше два кога тргнав, сега е еден.

Адријана

Часовите наназад одат! Неверојатно!

Дромио од Сиракуза

Не е, џандар да ве лови од час во час!

Адријана

Небаре времето е должник; глупости редиш

Дромио од Сиракуза

Времето е банкрот.
Должи повеќе одошто вреди.
И крадец е; по народот глас кружи моќен
времето се прикрадува и дење и ноќе.
Должник штом е и крадец и власта уште да е тука,
ете зошто по час наназад чука.

Адријана

Еве ги парите! Дромио, оди
господарот доведи го како што е редно.
Сестро, мисла сега ми се роди,
мисла што ме годи и теши воедно.

Сцена 3

Антифол од Сиракуза

Нема никој да не поздрави
ко да сум нивен познаник стар
и секој баш на име ме вика:
пари ми даваат, ме канат дома,
некои на љубезноста ми благодарат,
некои стока ко напазар ми нудат;
баш сега еден терзија ме викна в дуќан ми ја
покажа свилата за мене што ја купил
и веднаш ми зеде мерка. Се разбира,
сé е ова привид на фантазијата,
магионичари лапонски живеат овде.
(Влегува Дромио од Сиракуза.)

Дромио од Сиракуза

Господару, еве го златото по кое
ме пративте. Што, зарем сликата
на стариот Адам ја видоизменивте?

Антифол од Сиракуза

Какво злато? На кој Адам мислиш?

Дромио од Сиракуза

Не на оној што го чуваше рајот
туку на оној што го чува затворот;
на онај што оди во кожа од теле
заклано во чест на заблудениот син;
на оној што ви се прикраде од зад грб.
Како црн демон, и ве натера
од сопствената слобода да се лишите.

Антифол од Сиракуза

Не те разбирам.

Дромио од Сиракуза

Не? А зошто?
Работата е мошне едноставна;
мислам на оној што е како вас во
кожнена кутија; на човекот,
господине, што уморните господа
по рамо ги тапка и ги праќа
на "одмор"; на човекот, господине,
што се сожалува над парталковците
и парталите им ги заменува со
затворенички алишта; на човекот
што пожестоко удира со пендрекот
од било кој маварски џелат.

Антифол од Сиракуза

Што, зарем мислиш на џандар?

Дромио од Сиракуза

Да, господине, на затворскиот темничар;
оној што нé вади пред правдата штом
ги прекршивме обврските; оној господине,
што мир им посакува на немирните
што ги води в апс.

Антифол од Сиракуза

Слушај, момче, остави ги лунките.
Кажи, дали некој брод тргнува вечерва
за еднаш веќе да заминеме.

Дромио од Сиракуза

Уште пред еден час,
господине, ви кажав
дека бродот "Надеж" тргнува вечерва
но тогаш џандарот ве задржа
и ве натера на бродот "Бакнеж"
да се качите. Еве ги ангелите
по кои пративте да ве ослободат.

Антифол од Сиракуза

Човекот е мрднат, а мрднат сум и јас;
во вилаетите на привидот лунѕаме
верувајќи дека ќе нé спаси
од присенот некоја благословена сила.

Метресата

Мило ми е што ве гледам, господине
Антифол; значи сте го нашле златарот.
Овој ли ѓердан, денес ми го ветивте?

Антифол од Сиракуза

Бегај сатано! Не лости ме веќе!

Дромио од Сиракуза

Господару, ова ли е госпоѓа Сатана?

Антифол од Сиракуза

Ѓавол е таа.

Дромио од Сиракуза

И полошо, на ѓаволот ѓаволица,
сега преправена ко лесна жена,
а кога жена вели "Проклета да сум боже"
се знае дека мисли"Боже, претвориме
во лесна жена." Некаде
е напишано дека тие му се јавуваат
на мажот ко ангели на светлоста;
светлоста е од огнот, а огнот пали.
Значи, лесните жени палат, затоа
настрана од неа.

Метресата

Господине,
вие и вашиот човек сте необично
весели. Ви се каснува нешто?

Дромио од Сиракуза

Ако каснувате, господару, барем
земете со долга лажица.

Антифол од Сиракуза

Бегај, сатано! Со јадење ли ме лостиш?
Вештерка си ти и сите околу тебе.
Ти наредувам да се тргнеш!

Метресата

Дајте ми го прстенот мој што за ручек
ми го зедовте или ѓерданот
што го ветивте за дијамантот мој
па ќе си одам.

Дромио од Сиракуза

Некои ѓаволи бараат само струготинки
од нокот, влакно, сламка, капка крв,
иглички, орев, коска од вишна; но таа,
подрчна, бара ѓердан. Господару,
бидете мудри; ако ѝ го дадете,
ѓаволот ќе го стресе ѓерданот
од ѓаволицата и ќе нé спашка.

Метресата

Ве молам, господине,
прстенот дајте ми го или ѓерданот;
се надевам, нема да ме измамите.

Антифол од Сиракуза

Исчезни вештерке. Одиме Дромио.

Дромио од Сиракуза

"Оди си суето", вели паунот; тоа
и сами го знаете, госпожа.

Метресата

Сега сум сигурна Антифол е луд
инаку никогаш вака не би постапил.
Ми зеде прстен од четириесет дукати
а за него ми вети ѓердан; но сега
сето тоа го одречува. Покрај оваа
лудост невидена, луда му беше
и приказната денес за ручек
дека дома пред нос му затвориле;
веројатно, жена му, знаејќи му го ујот,
намерно вратата ја заклучила.
Сега, треба да побрзам во домот негов
и да ѝ кажам на жена му, дека тој, ко луд,
дома ми влезе и на сила ми го зеде
прстенот, вака е најдобро да сторам
четириесетте дукати да не ми изгорат.

Сцена 4

(Доаѓаат Антифол од Ефес и темничар.)

Антифол од Ефес

Не плаши, се човеку, нема да бегам
Пред да одам, сите пари ќе ги добиеш
за кои сум затворен. Жена ми, денес,
не е баш со сите и нема лесно
да поверува дека уапсен сум во Ефес.
Но, еве го слугата. Мислам баш
парите ги носи. Здраво момче.
Го носиш ли она по кое те пратив?

Дромио од Ефес

Со ова на сите ќе им платиме.

Антифол од Ефес

Каде се парите?

Дромио од Ефес

Ги дадов господару, за јажето.

Антифол од Ефес

Петстотини дукати, гаду, за едно јаже?

Дромио од Ефес

За никакви петстотини дукати не сум чул.

Антифол од Ефес

Па кажи, тогаш, по што те пратив дома?

Дромио од Ефес

По јаже, господине, со таа цел се враќам.

Антифол од Ефес

За таа цел и ова добредојде ти следи.

Темничарот

Бидете трпелив, господине добар.

Дромио од Ефес

Трпелив треба да сум јас.
мене ме ќофкаат.

Темничарот

Запри го јазикот, момче.

Дромио од Ефес

Подобро него наговорете го да ги запре
рацете.

Антифол од Ефес

Копиле едно бесчувствително.

Дромио од Ефес

Камо да бев бесчувствителен господине.
Сега немаше да ги чувствувам ударите ваши.

Антифол од Ефес

Чувствителен си само на удари, баш како
магаре.

Дромио од Ефес

Навистина сум магаре; тоа убаво се гледа
по долгите уши. Му служам од часот
кога се родив, а за служба до сега
не сум добил ништо освен ќотек. Кога ми
студи со ќотек ме стоплува, кога ми е
жешко со ќотек ме разладува; ако спијам,
со ќотек ме разбудува; ако седам со ќотек
ме станува; а излегувам со ќотек ме испраќа
а се враќам со ќотек ме дочекува; ќотекот
на грб го носам ко просјачка породот свој;
и мислам кога ќе ме оскати, со него
ќе просам од порта на порта.
(Доаѓаат Адријана, Лучијана, Метресата и Пинч.)

Антифол од Ефес

Одиме, еве, жена ми доаѓа.

Дромио од Ефес

Госпоѓо ресципе финем, мисли на крајот
или како папагал да претскажам: "Варди се
од крај со јаже."

Антифол од Ефес

Уште ќе мелеш?
(Го тепа Дромио.)

Метресата

Што велите сега? Луд ли е мажот ви?

Адријана

Неговата суровост тоа го потврдува.
Докторе Пинч, вие сте врачот;
вратете го во здрава памет
па ќе ви дадам сé што ќе посакате.

Лучијана

Боже, колку мрачно, дивјачки ме гледа.

Метресата

Гледајте како се тресе, кутриот.

Пинч

Дајте ми рака, да ви го видам пулсот.

Антифол од Ефес

Еве ви рака, нека ви го види увото.
(Го удира.)

Пинч

Ти наредувам Сатано, влезена
во овој човек, да го оставиш
во власта на молитвите свети
а ти веднаш во вилаетот твој
на мракот да побрзаш. Те заколнувам со
сите небесни светци.

Антифол од Ефес

Молчи вештеру, јас не сум луд.

Адријана

Камо да не е, завалијата.

Антифол од Ефес

Ова ли е бандата? Овој ли човек
со намќорест сурат пирувале весел
во домот мој денес а јас останав
заклучен надвор пред влезот мој
роден, бесрамнице?

Адријана

Господ ми е сведок,
мажу, дека ти ручаше дома
и дека ако не излезеше, ни
клетвиве не ќе ги доживееше
ни јавниот срам,

Антифол од Ефес

Ручав дома? Што велиш на ова подлецу?

Дромио од Ефес

Рака на срце господару, не ручавте дома.

Антифол од Ефес

Дали ми беше заклучено дома и
и дали останав надвор?

Дромио од Ефес

Што е право господару, ви беше заклучено а
вие останавте надвор.

Антифол од Ефес

И нели таа ме понижуваше?

Дромио од Ефес

И таа ве понижуваше господару.

Антифол од Ефес

И нели нејзината скугинка си играше мајтап
со мене, нели ме презре?

Дромио од Ефес

И нејзината слугинка си играше
мајтап со вас, и ве направи мајмун.

Антифол од Ефес

И нели бесен заминав од таму?

Дромио од Ефес

И бесен заминавте, жими крстот.
Коските мои најдобро знаат
дека по нив бесот го истуривте.

Адријана

Треба ли вака да му попушта
пред навалата негова размирена.

Пинч

Сигурно. Момчево му го знае ујот,
и попуштајќи му, го смирува.

Антифол од Ефес

Ти го натера златарот да ме апси.

Адријана

Се колнам дека пари за откупот
по Дромио ти пратив.

Дромио од Ефес

Пари по мене? Можеби добра волја
пратила но пари господару, сигурно нé.

Антифол од Ефес

Не беше ли кај неа по ќесето дукати?

Адријана

Беше, и јас ќесето му го дадов.

Лучијана

А јас сум сведок дека тоа и го стори.

Дромио од Ефес

Господ и јажарот ми се сведоци
дека само по јаже бев пратен.

Пинч

Госпоѓо, и господарот и пажот
се чукнати. По бледилото на лицето
тоа им го гледам. Да ги врземе
предлагам и во некоја просторија
темна да ги затвориме.

Антифол од Ефес

Кажи ми,
зошто ми ја заклучи вратата денес?
А зошто ти упорно тврдиш
дека ќесето со дукати не си го примил?

Адријана

Не ти ја заклучив вратата, мажу мој добар.

Дромио од Ефес

Нити пак јас пари примив,
господару мој добар. Но едно признавам,
вратата беше сигурно заклучена.

Адријана

Гаду подол, во двете работи лажеш ти.

Антифол од Ефес

А ти во сите, блуднице болна,

што здружена сега со проклетава
банда на општ презир ме изложи;
но со ноктиве ќе ги ископам очите
лажни што срамот мој голем безобзирно го
гледаат.

Адријана

Врзете го, врзете го,
не пуштајте да ми се приближи.

Пинч

Уште, уште луѓе! Јак е ѓаволот во него.

Лучијана

Кутриот, баш изгледа изгубен и блед.

Антифол од Ефес

Што, да не саката да ме убиете?
Темничару, затвореник сум твој,
зарем ќе допуштиш да ме водат?

Темничарот

Пуштете го! Тој е мој затвореник
и нема да ви дозволам да го водите.

Пинч

Врзете го и оној и тој е луд.

Адријана

Што ти е џандарска тимбо?
Зарем уживаш гледајќи го болниов
како сам се унижува?

Темничарот

Тој е затвореник мој. Ако го пуштам,
долгот негов ќе треба да го платам јас.

Адријана

Ќе ти платам јас. Води ме
кај доверителот! Штом сумата ми ја
кажат, сé ќе ти биде натокмено.
Господине докторе, водете го право
дома. О, ден баксузен!

Антифол од Ефес

О блудница баксузна!

Дромио од Ефес

Господару, заради вас ме врзаа и мене.

Антифол од Ефес

Молчи подлецу, уште ќе ме лутиш?

Дромио од Ефес

А да ве врзат за џабе? Нема тогаш
да викате ѓавол да ве земе!

Лучијана

Бог да чува и да брани! Кутрите,
колку бесмислено зборуваат.

Адријана

Водете ги! Сестро ти дојди со мене.
Кажи ми по чија тужба е уапсен?
(Заминуваат Пинч и помошниците, водејќи ги Антифол и Дромио од Ефес.)

Темничарот

По тужба на некој златар Анџело.
Го знаете?

Адријана

Го знам. Колкава е сумата?

Темничарот

Двесте дукати.

Адријана

За што е дадена?

Темничарот

За некој ѓердан што маж ви од него го зел.

Адријана

Точно е дека ѓердан ми вети
но никогаш не сум го примила.

Метресата

Откако маж ви денеска, сиот бесен,
дојде кај мене и прстенот ми го зеде,
оној прстен што сега му го видов на рака,
веднаш потоа го сретнав со ѓерданот.

Адријана

Може да е така. Но јас не го добив.
Темничару, одведи ме сега кај златарот
сакам сама да ја чујам вистината.
(Доаѓаат Антифол и Дромио од Сиракуза со извадени мечови.)

Лучијана

Боже поможи, слободни се пак!

Адријана

Со голи мечеви напаѓаат! Да викаме
за помош повторно да ги врзат.

Темничарот

Не, да бегаме. Ќе нé убијат!
(Бегаат уплашени.)

Антифол од Сиракуза

Вештеркиве гледам од меч се плашат.

Дромио од Сиракуза

Пред малку сакаше да ви биде жена
а сега побегна од вас.

Антифол од Сиракуза

Трк до Кентаур!
Донеси ги пљачките! Знам дека
само на брод ќе бидеме сигурни.

Дромио од Сиракуза

Штета што мора да заминеме.
Сигурен сум дека луѓето овде
никакво зло нема да ни сторат.
Гледате колку учтиво ни се обраќаат,
злато ни даваат. Мислам дека се
одличен народ и да не е онаа каца
месо што ме сака за маж, би можел,
претворен во вештер да останам
овде за секогаш.

Антифол од Сиракуза

Цел град да ми го дадат ни ден повеќе не
останувам овде
ни една единствена ноќ. Затоа,
брзни, пљачките да ги натовариме.

Чин ПЕТТИ

Сцена 1

(Доаѓаат Анџело и трговецот.)

Анџело

Жал ми е господине што ве задржав
но, чесен збор, ѓерданот тој го прими
иако најбесчесно потоа одрече.

Трговецот

Каков глас го бие во градов?

Анџело

Многу висок му е господине угледот,
довербата во зборот негов безгранична,
сакан од секого, сите го сметаат
за прв граѓанин, Во местово,
зборот негов вреди повеќе од
цело богатство мое.

Трговецот

Потивко чинам одонде доаѓа.
(Доаѓаат Антифол и Дромио од Сиракуза.)

Анџело

Ете, и ѓерданот му е околу врат
а најбесрамно се заколна дека го нема.
Господине, дојдете, ќе зборувам
со него. Синьор Антифол, се чудам
со каква цел ме донесовте и сé
донесовте на вакво дереџе одречувајќи
ѓерданот од мене иако сега
отворено и јавно го носите?
Освен тужбата, срамот и затворот
на кои што непотребно се изложувате
му нанесовте зло и на овој мој
честит пријател, кој, само заради
недоразбирањето наше, не крена едра
и не отплови денес на море. Овој
ѓердан од мене го примивте.
Го одречувате ли тоа?

Антифол од Сиракуза

Се разбира дека го примив и
тоа никогаш не сум го одрекол.

Анџело

Го одрековте, господине, и тоа со клетва?

Антифол од Сиракуза

А кој чул дека сум одрекол со клетва?

Трговецот

Ушиве мои, знаеш оти те чуја.
Срам да ти е! Штета е што
живееш и се движиш меѓу чесни луѓе.

Антифол од Сиракуза

Гад си ти што вака ме клеветиш
веднаш овде, честа и угледот мој
ќе го одбранам ако смееш
пред мечов да ми излезеш.

Трговецот

Смеам оти те сметам за никаквец.
*(Ги вадаат мечевите. Доаѓаат Адријана,
Лучијана, Метресата и други)*

Адријана

Стојте! Не повредувајте го, живи
бога, тој е луд; полека некој
мечот нека му го земе; и Дромио
врзете го! Носете ги право
кај мене дома.

Дромио од Сиракуза

Бегај, господару, бегај,
да влеземе во куќава, живи вера;
се чини е некоја опатија; бргу
внатре или кожата на стап ни́
отиде.
(Антифол и Дромио од Сиракуза влегуваат во опатијата.
Доаѓа Емилија, игуменијата.)

Игуменијата

Смирете се , луѓе кај одите?

Адријана

Да го одведеме мојот јаден, размирен
маж; да влеземе ненадно, набрзина
да го врземе и право дома.

Анџело

Знаев дека нешто му фали.

Трговецот

Жал ми е што извадив меч на него.

Игуменијата

Од кога е тој во ваква состојба?

Адријана

Цела недела е стемнет, тажен и лут,
поинаков сосем, како да е друг човек,
но, сé до поладнево неговата
вознемиреност го немаше прејдено
степенот на лудило.

Игуменијата

Да не му потонале сите гемии
на море? Близок некој да не му
умрел? Да не окото нешто
му го натерало срцето во
незаконска врска, грев познат
кај помладите што очите свои
им дозволуваат преголема
слобода? Која од
макиве него го мачи?

Адријана

Ниедна,
освен последната можеби; една
метреса честопати од дома го вадеше.

Игуменијата

За тоа требаше често да го кориш.

Адријана

Тоа и го правев.

Игуменијата

Но, недоволно строго.

Адријана

Колку што скромноста ми дозволуваше.

Игуменијата

Значи тајно.

Адријана

И пред друштво, исто така.

Игуменијата

Да, но недоволно.

Адријана

Тоа беше наш постојан предмет на

разговор; не можеше да заспие оти
за тоа му зборував; на јадење само
му префрлав; насамо, само за тоа
пљампав, а често и во друштво;
ниеден миг не поминуваше а да не му
речам на колкав резил нѐ изложува.

Игуменијата

Затоа на крајот човекот полудел.
Отровниот прекор на љубоморната жена
поопасно труе од побеснето куче.
Прекорите твои го оставија без сон
и затоа сега матна му е главата;
Велиш, со кавги му ја зачинуваш храната
но немирни оброци го влошуваат варењето
и отткука се коти огнот на треската.
А што е треската ако не настап на лудило?
Уште велиш, со расправиите твои
забавата си му ја расипувала ти;
но знај, без разонода, човекот го чека
потиштеност само мачна, тешка тага,
роднина блиска на очајот неутешлив
што верно го следат болестите лоши,
душмани моќни на животот. Без одмор,
забава и мир во јадењето дури
и sвер некој би полудел. Значи,
твоите љубоморни напади
го отераа мажот ти во лудило.

Лучијана

Прекорот нејзин секогаш бил благ
кон односот негов груб и суров.
Што трпиш укори а не одговараш?

Адријана

Ме поттикна да се преиспитам.
Влезете луѓе и одведете го.

Игуменијата

Стојте, ви забранувам, ова е мој дом.

Адријана

Тогаш слугите ваши нека го доведат.

Игуменијата

Не. Светилиштево му е
прибежиште и тоа ќе го чува од вашите раце
сѐ дури повторно не го донесат во свест
или пак напорот не се покаже залуден:

Адријана

Јас ќе го негувам мажот мој,
ќе бдеам над него додека е болен,
тоа ми е должност, а за должноста
таква доволна сум самата јас;
затоа дај ми го да го носам дома.

Игуменијата

Биди трпелива оти не го земаш маж ти,
сѐ додека не ги употребам
проверените средства: напивки
исцелителни, лекови, молитви
свети и од него не направам
повторно човек прав. Тоа е дел
од заклетвата моја, од должноста
милосрдна на мојот ред; затоа
оди, остави ми го.

Адријана

Не. Не доаѓа во предвид овде да го
оставам, а и на вашата светлост
нѐ и приличи маж од жена да разделувате.

Игуменијата

Смири се и оди.
Веќе ти реков дека не го добиваш.
(Влегува во опатијата.)

Лучијана

Ќе мораш на војводата да му се пожалиш.

Адријана

Одиме, ќе паднам на колена пред него
и не станувам дури солзите и
молитвите мои не ја подбоднат
неговата милост да дојде лично

и со сила да го одземе мажот ми
од игуменијата.

Трговецот

Сега е близу пет. Наскоро лично
војводата ќе помине од овде
на патот свој кон долината на жалта
пределот штур на смртта и мракот
сместен зад гробјето на опатијава.

Анџело

А зошто доаѓа?

Трговецот

Да присуствува
на јавното погубување на еден
угледен трговец од Сиракуза
којшто, денес, за жал, пристигнал
во заливот кршејќи го на тој начин
редот и закон на овој град.

Анџело

Еве доаѓаат; ќе присуствуваме
на неговата смрт.

Лучијана

Клекни пред
војводата пред да ја мине опатијата.

Војводата

Уште еднаш објавете јавно
дека нема да умре ако некој
ја плати сумата за него. Ова е
последно што може да направиме.

Адријана

Правда, војводо, барам од
игуменијата.

Војводата

Таа е доблесна и света жена
не верувам дека нешто ви згрешила.

Адријана

Ве молам, господару, послушајте ме:
Антифол, мојот маж, кого со ваш
благослов господар го сторив
на себе и на сé што имам јас,
на овој лош ден налет на лудило
го размири и тој насилнички
излезе на улица заедно со
слугата свој, полуден ко него,
и многу пакости по луѓето сторија
в куќи влегувајќи им; земаа прстени
накит и сé друго што на бесот негов
му се бендиса. Еднаш успеав
да го врзам и да го пратам
дома, а јас отидов да ги платам
штетите од гневот негов предизвикани.
Во меѓувреме, не знам со која сила
тој се ослободи од тие што го чуваа
и заедно со неговиот улав слуга
нé сретнаа гневни и со голи мечеви
се фрлија на нас да не колат.
Побегнавме за среќа, а потоа,
кога нова помош присобравме,
се вративме по нив да ги врземе.
Тогаш тие влегоа во опатијава.
Се обидовме по нив да влеземе
но игуменијата не сака да нé пушти
ни ја затвори вратата и не остава
да го извлечеме оттаму нити пак
ќе по волја да нѝ го предаде
сама. Затоа, војводо моќен,
нареди да нѝ го предадат за
помошта нужна да им ја укажеме.

Војводата

Маж ти ми служел многу војни
и тогаш кнежевски збор дадов
кога еднаш ќе го земеш за господар
на постелата твоја ќе ги ужива тој
сите добра што еден војвода
може да ги пружи. Некој нека,
сега, тропне на вратата од
опатијата и нека ја викне
игуменијата овде. Не мрдам
никаде пред да го решам ова.

(Доаѓа еден слуѓа.)

Слугата

Госпоѓо, госпоѓо, спасувајте се!
Господарот мој и пажот негов
се ослободија; сите слугинки по ред
ги испотепаа, го врзаа докторот
и брадата цела му ја подгорија
со гламни; штом ќе се запалеше
веднаш ја гасеа фрлајќи му
кофи валкана вода в лице.
Сега господарот за трпение
му зборува а пажот негов
со ножици го стриже Пинча ко да е
прле; и ако веднаш не испратите
помош мислам дека наскоро
ќе го испратат на небо.

Адријана

Тиквар!
Господарот твој и пажот негов
се овде; сето што го кажа
најгнасна е лага.

Слугата

Госпоѓо, се колнам, вистината
ја зборувам;
одвај еднаш ако сум се издишал
од мигот кога ова го видов. Тој гласно
ве призива и свечено се колне
дека ако ве фати, лицето ќе ви го
смачка и ќе ве изобличи.
(Гласови од надвор.)
Бегајте, госпоѓо, го слушам, бегајте ви
велам!

Војводата

Застанете до мене и не плашете се,
Стража! Штитете ја со хелебардите.

Адријана

Леле! Па тоа е маж ми; живи сте
сведоци дека невидлив оттука прође;
само пред малку влезе во опатијата
а сега е онде. Тоа разумот човечки
не може да го сфати.
(Влегуваат Антифол и Дромио од Ефес.)

Антифол од Ефес

Правда, војводо велик, правда дајте ми,
за делото што го сторив за вас
кога во бојот ве опчекорив
и ги примив раните место вас;
за крвта барем што ја загубив
тогаш, сега правда дајте ми!

Егеон

Стравот од смртта ако сосем
не ме заслепи тогаш го гледам
син ми Антифол, а оној до него
е Дромио.

Антифол од Ефес

Правда, мил мој кнезу,
правда против жената! Онаа што ти
за сопруга ми ја даде а таа
ме изрезили страшно, ме понижи
најпогано. Несфатливо, непојмливо
зло таа денес ми нанесе.

Војводата

Кажи какво и правда ќе добиеш.

Антифол од Ефес

Денес, војводо, ми ја заклучи
вратата и таа со неколку
разбојници блудеше дома.

Војводата

Тежок грев! Кажи, го стори ли ова?

Адријана

Не, господару. јас, тој и сестра ми
денес заедно ручавме дома. Се колнам
со лаги тешки тој сега ме товари.

Лучијана

Ни видело да имам ни сон, господару
ако вистината не ви ја кажа.

Анџело

Лажги! Двете се колнат лажно,
барем за ова лудаков со право ги
обвинува.

Антифол од Ефес

Господару, сосем сум
при себе и добро знам што зборувам;
пијан не сум, не сум ни мамурен,
нити пак гневен бес подмолно ме гризе,
иако од макиве би се мрднал и
поиздржлив. Оваа жена, денес
за ручек вратата ми ја затвори
пред нос; златаров да не е во сојуз
со неа може ова да го потврди зашто
баш тогаш беше со мене а потоа
се разделивме, а тој отиде по
ѓерданот што требаше да ми го донесе
во "Бодликаво прасе" кајшто отидов
јас да ручам заедно со Балтазар.
Ручавме што ручавме но ни траг
видовме ни глас чувме од златарот.
Затоа отидов да го барам. Го сретнав
на улица во друштво со оној господин.
Тука тој лажно се заколна дека
ѓерданот од него сум го примил
а бог ми е сведок дека не е така.
Заради тоа, на негова тужба
еден џандар ме уапси. Се покорив
и го прати пажот дома по дукати
потребни за откуп но тој без нив
се врати. Потоа го замолив
темничарот да дојде со мене дома.
По пат ја сретнав жена ми, сестра ѝ
целава суриј подли заговорници;
со нив беше еден крвопиен гад
по име Пинч, џуџе едно никакво,
некаков си надрилекар, магионичар,
гатач, целиот испиен, парталав,
плашило едно суво, жив костур.
Овој подол роб се нафати да ги тера
бесовите од мене, ми се внесе в лице
и одеднаш викна дека ѓаволот
е во мене. Потоа цела орда
се џитна на мене, ме врзаа и ме
пикнаа во темниот агол од мојата
визба заедно со пажот мој, врзани
еден за друг. Таму нé оставија
да цркнеме се додека не успеав
да го прегризам јажето со заби
и да се ослободам. Оттаму доаѓам
и ве молам да ми овозможите
право ваму кај висоста ваша
полно задоволување за срамот
и навредите тешки што ги јадов.

Анџело

Господару, можам да потврдам
за него дека не ручаше дома и дека
вратата му беше заклучена.

Војводата

А дали прими ѓердан од тебе или не?

Анџело

Прими, господару. Кога влезе овде
му го видоа луѓето обесен на врат.

Трговецот

И јас можам да се заколнам дека
ушиве те чуја кога призна
дека ѓерданот си го примил од
господинов откако пред тоа,
на плоштад, го тврдеше обратното
на што јас ти извадив меч. Потоа
побегна во оваа опатија
од кајшто, признавам, по некое
чудо невидено излезе.

Антифол од Ефес

Никогаш не сум влегол во опатијава,
никогаш меч не си извадил на мене
никогаш ѓерданот не сум го видел.
Се колнам, лажно ме товарите.

Војводата

Ова е некој маѓепсан круг, чинам
сите сте пиеле од пехарот на Кирк.
Да го затворевте во оваа опатија
тој сé уште во опатијата ќе беше.
Да е луд, немаше вака присебно да
зборува. Велите ручал дома
а златарот тоа го одречува.
Момче, што велиш ти на ова?

Дромио од Ефес

Господару,
тој ручаше кај неа во "Бодликаво прасе".

Метресата

Точно, и прстенот тогаш ми го зеде.

Антифол од Ефес

Така е, господару, прстенот е нејзин.

Војводата

Го виде ли него да влегува во опатијата?

Метресата

Ко што ве гледам сега вас, господару.

Војводата

Баш, чудно: викнете ја игуменијата.
Сите сте со лунки, сосем полудени.
(Еден од стражата оди по игуменијата.)

Егеон

Најсветол војводо, молам за збор.
Ми се чини дека гледам пријател
што ќе ја плати сумата за мене
и ќе ме спаси.

Војводата

Слободно зборувај Сиракужанине,
кажи што сакаш.

Егеон

Зарем вие не сте Антифол, господине,
а овој ваш паж нели е Дромио?

Дромио од Ефес

До прееска, господине, му бев
само врзан паж но тој, сполај му,
го прегриза јажето и сега сум
пак Дромио, одврзан човек.

Егеон

Сигурен сум дека обајцата ме помните.

Дромио од Ефес

По вас господине, се помниме
само самите себе зашто до пред
малку бевме врзани баш како вас.
Што е, да не сте и вие еден
од муштериите на Пинч?

Егеон

Не гледајте ме така чудно.
Вие добро ме познавате.

Антифол од Ефес

Никогаш не ве имаме видено во животот.

Егеон

О, тагата знам ме изменила
од нашата последна средба а
часовите на грижи со грубата
рака на времето ми испишаа
чудни црти на лице. Барем кажи,
ми го познаваш гласот?

Антифол од Ефес

Не.

Егеон

А ти Дромио?

Дромио од Ефес

Не, господине, навистина не.

Егеон

Знам дека го познаваш.

Дромио од Ефес

А јас знам дека не е така.
Вие затоа сте врзани за да
верувате во она што другите
ви го одречуваат.

Егеон

Ни гласот не ми го познаваш?
О, безмилосно време! Во овие седум
кратки години
се чини, до толку јазикот ми го
осакати што и мојот единец син
не ми ја познава нескладната
боја на мојот раштиман глас.
Сепак, иако лицето избраздено
од грижи не се гледа сега
од зимскиот снег што сокот животен
го цица, а каналите на крвта
смрзнати се до негде, јас сé уште
имам во предвечеров на животот
помнење добро и уши верни.
Сведоциве стари, невозможно е
да грешам, ми велат баш сега
дека ти си синот мој Антифол.

Антифол од Ефес

Никогаш го немам видено својот татко.

Егеон

Но пред седум години во Сиракуза
се разделивме, тоа мора да го помниш.
Или можеби сега, гледајќи ми ја
состојбата од татка си се срамиш.

Антифол од Ефес

Војводата и сите овде што ме знаат
ќе сведочат дека не сте во право,
во животот не сум бил во Сиракуза.

Војводата

Сиракужанине, Антифол е мој
штитеник веќе дваесет години
и за тоа време, ти тврдам, тој
воопшто не стапнал во Сиракуза.
Гледам старост и опасност
пред смртта сосем те изместиле.
(Доаѓаат Емилија, Антифол и Дромио од Сиракуза.)

Игуменијата

Војводо моќен, погледај го човекот
кому толку зла му се нанесени.
(Сите се собираат околу нив.)

Адријана

Два мажа гледам или очиве ме лажат.

Војводата

Двајца од луѓево се духови
на другите двајца. Кој е природен
човек а кој дух? Знае ли некој?

Дромио од Сиракуза

Јас сум господару, Дромио.
нареди му да си оди.

Дрмио од Ефес

Јас сум господару, Дромио.
Ве молам, не терајте ме од овде.

Антифол од Сиракуза

Зарем не си ти Егеон или барем
духот негов?

Дромио од Сиракуза

О, господару мој стар, кој го врзал
него вака?

Игуменијата

Кој и да го врзал, јас ќе го ослободам
и маж ќе добијам ослободувајќи го.
Зборувај Егеон стар, ти ли си
човекот што еднаш имаше жена
по име Емилија што два лични сина
ти роди? О, ако си тој ист Егеон
зборувај ѝ тогаш на истата стара
Емилија.

Егеон

Ако ова не е сон ти си Емилија,
ако си таа, кажи ми каде е оној син
што отплови со тебе на кобниот сплав?

Игуменијата

Луѓето од Епидамно, него, мене
и близнакот Дромио не зедоа на брод
но, суровите рибари од Коринт
на сила ги зедоа со нив син ми и Дромио
а мене ме оставија со оние од
Епидамно. Што стана потоа со нив,
не знам а гледаш и сам како
завршив јас.

Војводата

Приказната од утринава убаво
се расплетува. Двава Антифола
ко јајце на јајце што си личат
браќа се а исто и двата Дромиа.
Таа и бродоломот го помни.
Ова се родителите на овие деца
што случајно овде се сретнаа.
Антифол, дали првобитно дојден
си од Коринт.

Антифол од Сиракуза

Не, господару. Од Сиракуза.

Војводата

Застанете на страна, не знам
кој е кој.

Антифол од Ефес

Јас сум дојден од Коринт,
господару мој.

Дромио од Ефес

А со него и јас.

Антифол од Ефес

Не донесе овде оној силен воин
војводата Менафон, вашиот славен чичко.

Адријана

Кој од вас двајца денес ручаше
со мене?

Антифол од Сиракуза

Јас, честита дамо.

Адријана

Значи ти не ми си маж?

Антифол

Не, на тоа јас велам не.

Антифол од Сиракуза

И јас исто така иако ме нарече маж.
А оваа убава благородничка,
нејзината сестра, ме нарече зет.
(На Лучијана.)
Она што ви го реков тогаш
се надевам дека ќе го остварам
ако сé ова што го гледам и слушам
не е сон.

Анџело

Тоа е господине ѓерданот
што го добивте од мене.

Антифол од Сиракуза

Точно, господине, не велам не.

Антифол од Ефес

А ти господине, за овој ѓердан
ме уапси.

Анџело

Точно господине, не велам не.

Адријана

Ти испратив пари за откупот
по Дромио, но мислам не ти ги донесе тој.

Дромио од Ефес

Не, не, по мене не.

Антифол од Сиракуза

Ова ќесе дукати од тебе го примив
а ми го донесе Дромио, мојот паж.
Гледам дека постојано со друг
паж сме се среќавале па така
јас сум бил ти, а ти си бил јас;
сега е разбирливо што се дојде
до сите овие забуни.

Антифол од Ефес

Дукативе ги давам за татко ми.

Војводата

Непотребно. Тој е слободен.

Метресата

Господине, мора да ми го дадете
оној дијамант.

Антифол од Ефес

Еве, земете го. И многу
ви благодарам за гозбата.

Игуменијата

Војводо моќен, повели сега
во опатијата, да ја чуеш до крај
приказната наша; и сите овде
што сте збрани и што страдавте
на некој начин од забуниве
правете ми друштво. Ние пријатно
ќе ви се оддолжиме. Триесет и три
години страдав за вас, синови мои,
и дури сега се ослободив од
тешкото бреме. Војводо, мажу мој,
синчиња мои, вие календари
на раѓањето нивно, повелете на
крштевката и радувајте се со мене.
После толку долга тага, таква радост!

Војводата

Од сé срце доаѓам на прославата.
Заминуваат сите освен двата Дромиа и двата Антифола.

Дромио од Сиракуза

Господару, да одам да ви ги земам
пљачките од бродот?

Антифол од Ефес

Дромио,
какви рече мои пљачки
си натоварил на брод?

Дромио од Сиракуза

Оние, господару што ви беа
оставени кај газдата во Кентаур.

Антифол од Сиракуза

Тој мене ми се обраќа. Јас сум
твојот господар, Дромио.
Ајде со нас! За пљачките
подоцна ќе се погрижиме;
прегрни го брат ти; радувај се
со него.
(Си одат двата Антифола.)

Дромио од Сиракуза

Има една полничка пријателка
во домот на твојот господар
што денес, место тебе убаво ме
нагости; таа значи, ќе ми биде
снаа а не жена.

Дромио од Ефес

Ми се чини дека си ми огледало
а не брат; по тебе гледам
дека не сум баш за фрлање.
Влегувај! Да им ја видиме прославата.

Дромио од Сиракуза

После тебе, ти си постар.

Дромио од Ефес

Е, тоа не се знае. Како да решиме?

Дромио од Сиракуза

Ќе фрламе чкурта за тоа кој е постар
Дотогаш ти имаш предност.

Дромио од Ефес

А не! Тогаш вака. На свет
дојдовме ко брат и брат, затоа
рамо до рамо ќе влеземе сега
веќе никој напред нема да бега.

Кровопийство на отаманах

Наслов на оригиналот:

The Taming of The Shrew

ЛИЦА:

ПРЕДИГРА

Кристофер Слај, калајџија
Крчмарка
Господар
Лакеј, Ловци, Слуѓи
Глумечка дружина

КРОТЕЊЕТО НА ОПАКАТА

Баптиста Минола, богат граѓанин од Падова
Катерина, опаката, постара ќерка на Батиста
Петручио, господин од Верона, просец на Катерина
Грумио, личен слуга на Петручио
Кертис, главен слуга на Петручио во неговата куќа на село
Кројач
Трговец

Бјанка, помалата ќерка на Батиста
Гремио, богат, стар граѓанин на Падова, просец на Бјанка
Хортензио, господин од Падова, просец на Бјанка
Лученцо, господин од Пиза, просец на Бјанка
Транио, личен слуга на Лученцо
Биондело, слуга на Лученцо
Винченцо, богат граѓанин на Пиза, татко на Лученцо
Учител од Мантова
Вдовица
Слуѓи на Баптиста

Кротењето на опаката не е најдобрата комедија на Шекспир но сигурно дека е една од најуспешните ако не и најуспешна. Напишана е, најверојатно, помеѓу 1592 и 1594 година, а првпат печатена во изданието од 1623 година. Постојат многу дилеми околу изворноста на текстот. Некои критичари сметаат дека ***Кротењето на опаката*** е преработка на една постара пиеса од непознат автор под наслов **Опаката**, а други дека и постарата верзија е напишана од Шекспир но, по обичајот што тогаш владеел, диво печатена и во многу нешта искасапена.

Комедијата се состои од три дела, различни по содржина кои меѓусебно се испреплетуваат: првиот дел е недовршената и заборавена приказна за пијаницата Слај којшто, измамен, смета дека се разбудил како велможа па гледа претстава за кротењето на една опака жена. Интересно е како би се развивала оваа приказна понатаму, особено што, користејќи се со постари драматуршки средства, авторот имал можност, од пристојна дистанца, постојано да го коментира развојот на настаните во сопственото дело. За жал, освен едно "упаѓање" на Слај и тоа мошне ефектно, понатаму сé се остава на имагинацијата на режисерот. Втората, клучна приказна, е врзана со кротењето на опаката Катерина од страна на кротителот Петручио, една не многу изворна тема, но мошне корисна по однос на размислувањата за бракот и љубовта. Третата приказна, всушност, подзаплетот во текстот, е врзана со Бјанка, сестрата на Катерина и нејзините додворувачи.

Ефектот од мешањето на овие три приказни во една е повеќе од очигледен: дивата, груба, неизделкана фарса претворена е во бујна комедија во чија срж лежат различните размислувања за љубовта и бракот прикажани преку живи, пластични, полнокрвни ликови.

Ова е второ издание на првиот превод на ***Кротењето на опаката*** на македонски јазик. Нејзиното прво претставување во Македонија беше на *Охридско лето* 2000, преку сцената на Битолскиот народен театар во режија на Димитар Станковски.

Предигра

Сцена 1

(Влегуваат Слај и Крчмарката.)

Слај

Сус мори оти те смачкав!

Крчмарката

Море ќотек е за тебе, гнасо една!

Слај

Гнаса си ти мори а не јас Слај. Ѕирни малку во историјата. Моите се дојдени уште со Ришар Освојувачот. Затоа муцкос затниос, ич не бери гајле – марш!

Крчмарката

Не ги плаќаш чашите што ги скрши?

Слај

За кои чаши, мори, бладаш? Ај крши глава таму, легни си, куќо една без ќерамиди. Бегај да не ти ја бапнам една!

Крчмарката

Фала што ми кажа, ќе викнам полиција.

Слај

Море викни ја цела коалиција ако сакаш, го знам јас законот. Не мрдам ни педа, машко. Само нека дојдат, ич не ми е гајле.
(Заспива.)
(Звук од ловечки рогови. Од лов доаѓа Господарот со својата свита.)

Господарот

Ловџио, ти наредувам, варди ги загариве добро.
Нека здивне Шарко, кутриот пес цел се пени,
а Сивко врзи го со кафеавиот лајач.
Виде момче како се снајде Бемко
на крајот од плотот кога трагата ја снема?
Таков загар цело богатство вреди.

Првиот ловџија

Ама и Белко, господару, подолу не паѓа
Тој душка и кога сосем ќе го снема трагот;
Денес двапати го издушка и најмалиот мирис.
Верувајте ми, за мене тој е подобар загар.

Господарот

Тогаш не си со сите. Да е толку брз Амчо,
би го ценел како цела дузина такви.
Но добро нарани ги и грижи се за сите.
Утре сакам пак да одам на лов.

Првиот ловџија

Секако, господару.

Господарот

Што е ова овде? Мртов е или пијан? Види дали дише!

Вториот ловџија

Дише, господару. Да не е полн топло пиво, како е заспан, под него ќе му биде ладно.

Господарот

Животно смрдливо, дрочи овде како свиња!
Умирачко грда, грозен, одвратен ти е ликот!
Момци, со пијаничиштево ќе потерам шега.
Што мислите, в кревет да го однесеме сега,
во свилена руба да го вовреме, со прстење
на прсти,
крај постела вкусно овоштие и вино
и велелепна послуга кога ќе стане,
дали просјаков ќе заборави кој е?

Првиот ловџија

Ќе заборави, господару, ви тврдам.

Вториот ловџија

Ќе му биде малку чудно кога ќе стане.

Господарот

Ко убава мечта, ко пусти сништа.
Земете го и шегата нека биде светска.
Нежно однесете го во најубавата соба,
накитете ја со многу раскалашени слики.
Измијте му ја валканата глава со чиста,
топла вода
запалете темјан да замириса станот.
Порачајте свирачи за кога ќе стане
да екнат благопријатно боженствени звуци.
Ако каже нешто, бидете на штрек
и со длабока, понизна почит
речете 'Што ни наредува вашата милост?'
Нека еден му принесе сребрен леген
полн трендафил-вода и цвеќа разни,
друг бокал нека носи, а трет риза
па речете 'Дали господару ќе разладете
раце?'
Некој нека спреми алишта скапи,
па нека го праша што сака да носи.
Друг нека му говори за загарите и коњот
дека госпоѓата му е тажна што е толку
болен.
Убедете го дека малку се мрднал
а кога ќе каже кој е, речете му дека сони,
зашто тој е всушност велможа моќен.
Ова сторете го, направете го со усул.
Ќе биде радост каква што не била на векот
само ако сé се изведе со дикат.

Првиот ловџија

Господару, така ќе одиграме, ви тврдам
што и самиот замелушен од нашата игра
ќе мисли дека е само она што ние му велиме.

Господарот

Кренете го нежно и носете го в кревет
а потоа подгответе се за кога ќе стане.
(Го носат Слаја. Звуци на труба.)
Момче, тркни види кој труби.
(Излегува слугата.)
Можеби велможа некој минува тука
па токму овде сака да се одмори.
(Влегува слугата.)
И кој е, кажи!

Слугата

Глумци, господару
што сега претстава ви нудат.

Господарот

Нека влезат.
(Влегуваат глумците.)
Добредојдовте, момци.

Глумците

Ви благодариме, господару.

Господарот

Дали ноќеска ќе останете кај мене?

Првиот глумец

Со задоволство ако услугите ги примате
наши.

Господарот

Од сé срце. Овега овде го помнам, синот
најстар на селанецот го има играно.
Просевте една велмошка многу вешто.

Не ви го помнам името; ама таа ролја
Добро ви легна и природно ја одглумивте.

Вториот глумец

Вашето лордство сигурно мисли на Сото.[1]

Господарот

Така е, одлично изиграна ролја.
А сега баш ко порачани ми дојдовте,
најмногу зашто подготвувам една шега
за која вашата умешност ќе ми треба.
Кај мене е еден лорд што вечерва ќе ве
гледа;
Ама не знам дали не ќе прснете во смеа
кога ќе го видите односот негов
зашто чудаков никогаш не чул за драма. Па
само ако нешто ви излета од уста
многу ќе го навредите; затоа ви велам,
немојте да се смеете; не сакам да збесне.

Првиот глумец

Не берете гајле, господару, умееме ние
дури и со најоткачените на светот.

Господарот

Оди, момче, однеси ги право в кујна,
нека ги најадат и напијат добро.
Сакам да им се даде сé што имам во домов.
(Излегува слугата со глумците.)
Момче, ти оди кај мојот лакеј Бартол,
нека се облече веднаш како дама
и штом се стокми, води го кај пијаниов в
соба.
Обраќај му се со "мадам", оддавај му почит.
Кажи му, ако љубовта моја му е мила
нека се однесува најотмено што може
токму како благородничките фини
кога се во друштво со своите мажи,
баш вака пијаницава нека го двори,
најпонизен во ликот, најљубезен на уста,
и нека го праша "Што сака милоста ваша
за вашата дама, вашата сопруга смерна
должноста си ја исполни и ви покаже
љубов?"
Потоа нека го гушне, заводливо нека го
бакне,
и нека ја спушти главата на неговите гради
па нека пролее солзи, небаре умира од
радост
што господарот нејзин оздравел сосем
откако седум години себеси се сметал
за подолен и од најодвратниот просјак.
А ако момчето ја нема таа женска дарба
да лее порој од крокодилски солзи,
за таа цел добро ќе му дојде малку кромид
којшто во шамивче потајно скриен
без престан ќе му тера солзи на очи.
Гледај ова да се сврши најбрзо што можеш
а кога ќе се вратиш ќе ми требаш и за друго.
(Излегува слугата.)
Знам дека лакејот ќе ги одглуми добро
привлечноста, гласот, одот на една дама.
Сакам да го чујам кога "мажу" ќе го вика
пијаничиштево и да видам дали ќе се смејат
момциве кога ќе коленичат пред простак.
Одам да им дадам совет. Може ќе знаат за
доста
ако сум таму и ги замолам за истрајност
инаку смеава ќе им отиде во крајност.
(Излегуваат.)

Сцена 2[2]

(Влегува Слај качен погоре со слуги; некои со алишта, некои со бокал, некои со леген и друг прибор; влегува и Господарот.)

Слај

Ебави тикварите, дајте една бира.

Првиот слуга

Да не сака вашата милост чаша шампањско?

Вториот слуга

Ќе проба малку вашето лордство од сувово грозје?

Третиот слуга

Што ќе сака вашата милост да носи денес?

Слај

Јас сум Кристофер Слај, Не сум ни "милост" ни "лордство." Не сум испил ни капка шампањско во животот. А ако веќе ми нудите нешто сушено, тогаш дајте ми нешто посолено и пушено. И не прашувајте што ќе облечам оти џакета имам колку и тела, чорапи колку и нозе, чевли колку и стапала – море не, понекогаш повеќе стапала од чевли или чевли низ кои ми зиркаат палците.

Господарот

Бог да ве чува и спаси од присенов тежок!
О, толку моќен човек со потекло такво
Со богатства толку и толку висок углед
А нагазен од олку бесови лоши?

Слај

Еееј! Да не мислите дека сум чукнат? Дека не сум Кристофер Слај, син на стариот Слај од Пуста Река, по раѓање алашверџија, по образование влачар, по напредилок мечкар а сега по занает калајџија? Прашајте ја Марија Хакет, дебелата крчмарка од Винкот, дали не ме знае. Ако не ви речи дека ми има удрено рецка на рабушот за една обична помочана бира, сите да ми мочате на глава како на најлажливиот смрдеж во целото кралство. *(Еден слуга му принесува кригла пиво.)* Што! Не сум забеган! Ова е – *(Го пие пивото)*

Третиот слуга

О, заради ова тагува госпоѓата ваша.

Вториот слуга

О, заради ова слугите ви се тажни.

Господарот

Затоа и роднините ја одбегнуваат вашата куќа,
оти ги тера лудоста ваша чудна,
О лорде благороден, сети се на родот,
од прогонство викни ги старите мисли
и прогони ги нискиве, гадни сништа.
Види како слугите беспрекорно те служат
во секој миг спремни на услуга да ти бидат.
Да не си за музика? Слушај, Аполон свири
и од кафез дваесет славејчиња пејат.
Или ти се спие? Ќе те однесеме в кревет
помек и помиризен од постелата блудна
намерно поспремена за Семирамида[3]
ако ти се шета, тлото ќе го постелиме со цвеќа.
Да не ти се јава? Коњите веднаш ќе ти светнат
по гривите монисти од бисери и злато.
Сакаш соклиња? Соклињата ќе ти се вивнат
над утринската чучурлига. Или си за лов?
Загарите твои до небеса ќе лајат
а шуплата земја потресена ќе ечи.

Првиот слуга

Сакаш во потера, кучињата ти се брзи
ко најсилните елени, да, побрзи од срна.

Вториот слуга

Сакаш слики? Ќе го донесеме веднаш
Адонис насликан крај жуборлив поток,
и Китереја цела скриена в расје,
кое како да се ниша и игра со здивот нејзин
небаре повиено пред налетот на ветрот.

Господарот

Ќе ти ја покажеме Јона, девојка кога била
и како таа изненадена и заведена била
живо насликана ко навистина што било.

Третиот слуга

Или Дафна како скита низ трнливата шума
нозете си ги гребе небаре крвари сета.
И тажниот Аполон на глетката како плаче
толку мајсторски крвта и солзите се фатени.

Господарот

Ти си лорд и ништо друго освен лорд.
Ти имаш госпоѓа поубава многу
од секоја жена во ова скудно време.

Првиот слуга

И дури солзите што за тебе ги пролеа таа
убавото лице не ѝ го преплавија со завист
најубавото суштество беше на светот
а и вака ниедна не ѝ е рамна.

Слај

Навистина сум лорд и имам госпоѓа таква?
Или сонувам? Или сонував до сега?
Не спијам. Гледам, говорам, слушам.
Мирисам вкусови слатки и сеќавам ствари меки.
Жими очиве, навистина јас сум лорд,
а не калајџија или Кристоферо Слај.
Тогаш, донесете ја нашата госпоѓа да ја видам,
и уште една кригла од онаа бира.

Вториот слуга

Ќе сакате рацете да си ги измиете сега?
О, колку сме радосни што умот ви се врати!
О, што пак знаете кој сте точно!
Овие петнаесет години во сон бевте,
а и кога се будевте ко да не бевте будни.

Слај

Петнаесет години! Боже ама дремка светска.
И зарем ништо не реков за сето ова време?

Првиот слуга

Рековте, лорде, ама реченото беше мошне лудо,
зашто иако лежевте во оваа прекрасна соба,
велевте дека ве исфрлиле надвор,
и постојано пцуевте по некоја крчмарка,
се заканувавте дека на суд ќе ја однесете
оти ви точела пиво во земјени кригли.
Понекогаш викавте по некоја си Сисилија Хакет.

Слај

Да, помошничката на келнерката во таа крчма.

Третиот слуга

Ама не знаете ни таква крчма ни таква женска,
господару, ни луѓето што ги споменавте тогаш,
некојси Стивен Слај, стариот Џон Непс, гркот,
па Питер Тарф или Хенри Пимпернел
и дваесетина други имиња и луѓе
кои ниту постоеле ниту некој некогаш ги видел.

Слај

Слава му на господа што ме врати.

Сите

Амин!
(Влегуваат лакејот како жена со придружба. Еден од слугите му подава на

Слаја џиво.)

Слај

Фала ти, од ова ќе немаш зијан.

Лакејот

Како ви оди со течната храна, господару?

Слај

Нема грешка, од сѐ се претура овде.
Каде е жена ми?

Лакејот

Овде, господару, што сакате од неа?

Слај

Ти си ми жена а не ме викаш мажу?
Слугите треба да ме викаат господару а јас ти сум маж.

Лакејот

Мажу мој и господару, господару мој и мажу јас сум твојата жена што од срце те љуби.

Слај

Тоа одлично го знам. Како треба да ја викам?

Господарот

Госпоѓо.

Слај

Госпоѓо Алис или госпоѓо Џоан?

Господарот

Само госпоѓо и ништо друго. Така се вика.

Слај

Госпоѓо жено, сум сонувал и спиел
велат едно петнаесет години и згора.

Лакејот

Точно, а мене над триесет ми се виде
сето време протерана од твојот кревет.

Слај

Што е многу многу е. Оставете нѐ сами.
(Излегуваат слугите.)
Госпоѓо, слечи се и легнувај в кревет.

Лакејот

Господару благороден, најсрдечно те молам
извини ме уште барем за две-три ноќи;
или ако не сакаш, барем до зајдисонце.
Зашто лекарите твои наредија строго
пред опасноста болеста да ти се врати
да отсуствувам уште малку од твојот кревет.
Вака стојат работите, затоа прости.

Слај

А мене ми стои поинаку и затоа тешко ќе
издржам. Ама мразам повторно да потонам
во поранешните соништа. Затоа ќе чекам
иако сиот вријам.
(Влегува гласник.)

Гласникот

Глумците, на веста дека сте оздравеле,
побрзаа да одглумат пријатна комедија;
лекарите сметаат дека добро ќе ви дојде
зашто преголема тага крвта ви ја пие
а тагата е дадилка на секоја лудост.
Затоа мислеа дека е добро да чуете драма
и умот да го потхраните со веселост и смеа
кои животот го продолжуваат и го ништат
злото.

Слај

Добро, ќе слушам. Нека играат. Не е
комендија

божикна гозба или нешто како циркус?

Лакејот

Не господару, многу пријатен џумбуз.

Слај

Каков, домашен џумбуз?

Лакејот

Еден вид сказна.

Слај

Па да видиме. Дојди госпоѓо жено, не се вади сé нека тече а ние да сме вечно млади.

Чин ПРВИ

Сцена 1

(Труби. Влегуваат Лученцо и неговиот придружник Транио.)

Лученцо

Транио, од големата желба што ја имав
да ја видам убавата Падова, лулка на зборот[4]
дојдов во плодната Ломбардија,
тој личен рај на великата Италија;
наоружан со љубовта и благословот на татко
неговата дозвола, придружуван од тебе
мојот верен и мошне искусен лакеј
овде ќе се предадам со сиот свој елан
на постојано учење и откривање на светот.
Пиза, позната по своите граѓани умни
живот ми даде а пред сé мојот татко
трговец со врски надалеку низ светот,
Винченцо, од лозата на Бентиволи.
Синот на Винченцо, воспитан во Фиренца
мора да го исполни очекуваното од него
и да се закити со доблесни дела.
Затоа, Транио, сега ќе ја учам
доблеста и оној дел од филозофијата
посебно што вели дека среќата
единствено се постигнува низ доблест.
Кажи што мислиш ти зошто заминав од Пиза
и дојдов во Падова како човек што бега
од плитки води за во длабокото да се нурне
и до ситост да ја згасне својата жед.

Транио

Mi perdonato, мој господару велик.
Апсолутно се согласувам со вас.
Се радувам што сте сте решиле цврсто
да ги цицате сластите на слатката филозофија.
Само, добар господару, дури искажуваме восхит
на оваа доблесна и морална дисциплина,
да не бидеме стоици и клади, молам,
па да се држиме стриктно до Аристотел
а Овидиј да го отфрлиме ко грешник.
Логика покажете со пријателите ваши,
красноречивоста вежбајте ја низ простиот говор
од музиката и поезијата црпете живот
а математиката и метафизиката
примајте ги само онолку колку што ви годи.
Нема корист кајшто задоволство нема.
Со еден збор, господару, учете само со волја.

Лученцо

Фала ти, Транио, ми даваш добар совет.
Да беше уште Биондело со нас овде
можевме веднаш да почнеме со планот
и да најдевме станче згодно за прием
на пријателите што ќе ни ги донесе Падова.
Ама чекај малку, кое е ова друштво?

Транио

Којзнае господару, може поворка за дочек.
(Лученцио и Транио се повлекуваат на страна.)
(Влегуваат Баптиста со двете ќерки Катерина и Бјанка, Гремио арлекинот, Хортензио, просец на Бјанка.)

Батиста

Господа, повеќе не здодевајте, ве молам,
зашто точно знаете дека сум решил цврсто
да не ја мажам помалата ќерка
пред да најдам маж за постарата.
Ако еден од вас двајца Катерина ја љуби

а бидејќи добро ве знам и обајцата ве сакам
ќе му дозволам да ја побара веднаш.

Гремио

Па да стане попара. Прегруба е за мене.
Ајде, ајде, Хортензио, ти треба жена?

Катерина

Ве молам татко, дали по ваша желба
ќе ме правите резил пред овие просци?

Хортензио

Просци, девојко? Што бладаш? Нема просци
за вас дури не станете блага, нежна.

Катерина

Не плашете се господине мој кроток
таква помисла скраја ми е од срце.
Но ако се мажам, прва грижа ќе ми биде
да ве чешлам по глава со троножно столче
и украсен со нокти да ве гледам ко биволче.

Хортензио

Боже спаси нé од ѓаволици вакви!

Гремио

И мене, боже господе добар!

Транио

Опаа, господару, насетувам забава фина
девојкава е или луда или дрска ко малкумина.

Лученцо

Но во молчењето на другата се скрила
девојчинска благост и трезвеност мила.
Молчи Транио.

Транио

Баш така, господару! Мир! И ситете го
видот!

Батиста

Господо, да го исполнам она
што го реков - Бјанка, влези внатре.
И не биди тажна заради ова, мила Бјанка,
зашто ова не значи дека помалку те сакам.

Катерина

Пекмез убав на тато! Одвај чека да се расцимоли
само да има зошто.

Бјанка

Сестро, задоволна биди од моето незадоволство.
Татко, понизно ја прифаќам вашата волја.
Книгите и музиката ќе ми прават друштво,
ќе читам и вежбам сосем сама.

Лученцо

Слушај Транио, Минерва говори низ неа.

Хортензио

Сињор Батиста, зошто правите така?
Жал ми е што нашата љубов тага
на Бјанка ќе ѝ донесе.

Гремио

Ќе ја пикнете в кафез
сињор Батиста, недолжна да плаќа казна
за овој адски ѓавол со јазичиште лошо?

Батиста

Помирете се со ова, господа. Така решив.
(*Влегувај Бјанка.)*
(Излегува Бјанка.)
И бидејќи знам дека најмногу сака
музика, инструменти и поезија,
домашни учители ќе најмам дома
добро да ѝ ја остручат младоста. Ако вие
Хортензио или вие Гремио знаете за таков

препорачајте ми го; со учените луѓе
ќе бидам дарежлив и многу учтив
заради доброто воспитување на моите деца.
А сега збогум. Ти Катерина, остани ако
сакаш
зашто уште треба да зборувам со Бјанка.
(Излегува.)

Катерина

Што, и јас ќе си одам, смеам, не? Што,
мене времето да ми се одредува небаре не
знам што сакам а што не? Глупости!
(Излегува.)

Гремио

Пустината фати. Толку си добра што никој
не сака да те задржи овде. Женската
љубов е толку мала, Хортензио, што нѐ
оставија заедно да клинчиме и да се испо-
стиме до крај. Обајцата не го испековме
лебот. Збогум. Сепак, заради љубовта што
ја коткам за слатката Бјанка, ако случајно
најдам соодветен човек да ја учи на она што
најмногу го сака, ќе го испратам кај татко ѝ.

Хортензио

Исто и јас, сињор Гремио. Ама почекај
малку нешто да ти кажам. Иако природата
на нашето соперништво никогаш не
дозволувала договор меѓу нас сепак, мој
совет е, бидејќи ни е во
заеднички интерес повторно да добиеме при-
стап до нашата убава сакана и да бидеме
среќни соперници за љубовта на Бјанка,
да се потрудиме и да завршиме една работа.

Гремио

Која работа, ти се молам?

Хортензио

Едноставно, господине, да најдеме маж за
нејзината сестра.

Гремио

Маж? Поарно речи ѓавол.

Хортензио

Јас велам маж.

Гремио

Јас велам ѓавол. Мислиш, Хортензио, дека
ќе се најде некој шутрак што ќе се ожени со
пеколот само затоа што татко ѝ е богат?

Хортензио

Немој така Гремио. Ако ние немаме трпение
да ја поднесеме нејзината бучна врева, ќе се
најде некоја добра душа братко, и ако на
време ја набасаме, ќе ја земе со сите нејзини
мани и со едно чудо пари.

Гремио

Не знам. И јас би го зел веднаш миразот но
условот е да ме камшикуваат на раскрсница
секое сабајле.

Хортензио

Да, во право си. Нема голем избор кога
сите јаболка се расипани. Но, штом оваа
семејна пречка нѐ спријатели, најпријател-
ски ќе соработуваме додека не ѝ најдеме
маж на најстарата ќерка на Батиста за да ја
ослободиме помалата за мажачка и пак да
станеме соперници. Слатка Бјанка! Блазе си
му на оној што ќе те добие. Кој попрв нему
невестата. Што велиш, а, Гремио?

Гремио

Се согласувам, и баш би сакал веќе да
му го дадев најдобриот коњ во Падова за
просењето на оној што ќе ја испроси, ќе се
ожени со неа, ќе ја легне в кревет и ќе ја
ослободи куќава од неа.
Одиме.
(Излегуваат Гремио и Хортензио.)

Транио

Ве молам, господару, кажете ми, дали е можно
толку наеднаш љубовта да ве зграби?

Лученцо

О Транио, дури на своја кожа не сетив
никогаш не би помислил дека е можно.
Но ете, додека се шлаев и гледав од страна,
чарот на љубовта во безделништвото ме стрефи, и сега најотворено ти признавам
тебе, којшто ми си мене мил и верен
ко Ана на кралицата од Картагина што ѝ
беше, дека горам, копнеам, Транио и ќе
умрам ако не ја добијам оваа млада, скромна мома. Советувај ме, Транио, оти знам дека можеш, Помагај Транио, зашто знам дека сакаш.

Транио

Господару, ова не е време за прекор;
зашто со прекор срцето не се чисти.
Ако срцето ви е заробено тогаш треба
Redime te captum quam queas minimo.
(Од ропството откупи се најефтино што можеш)

Лученцо

Одлично другар. Продолжи, ова ме теши.
Другото ќе ме утеши зашто советот ти е добар.

Транио

Господару, така зјапавте во онаа мома
што мислам не сфативте каде лежи зајакот.

Лученцо

О да. На лице ѝ видов убавина слатка,
рамна на онаа од ќерката на Агенор
која со рака великиот Јупитер го скроти
за со колена пред неа брегот критски да го љуби.

Транио

И само толку? Не забележавте како сестра ѝ
свреска и крена таква џева
од која ушното тапанче пука?

Лученцо

Транио, видов како црвените усни ѝ се движат
како со здивот го намирисува сиот воздух
свето и слатко беше сé што видов на неа.

Транио

Опаа, значи време е да го слезам на земја.
Ве молам разбудете се, господару. Ако таа мома ја љубите, сконцентрирајте се да ја добиете. Вака стојат работите: нејзината постара сестра е толку зла и клета што дури татко ѝ не се оттараси од неа
вие само ќе можете да ѝ плукнете под пенџере зашто таткото ја заклучил дома и не дава да ѝ здодеваат нафрчените просци.

Лученцо

Ама суров татко, нели Транио?
Но зарем не чу дека намера има
учители да ѝ најде за да ја учат?

Транио

Чув, чув господару - и веќе сé смислив.

Лученцо

Исто и јас, Транио.

Транио

Господару, се кладам
дека обата плана можат да направат еден.

Лученцо

Да го чујам првин твојот.

Транио

Вие ќе бидете учител,
и ќе го преземете образувањето на момата врз себе.
Тоа е вашиот план.

Лученцо

Да. Дали е остварлив?

Транио

Не е. Зашто кој ќе го земе вашето место
овде во Падова да биде син на Винченцо,
да го држи домот, да учи, пријателите да ги прима,
земјаците да ги посетува или да ги гости?

Лученцо

Basta, смири се, сега го имам во целост.
Сé уште не нé виделе во ниедна куќа,
ниту некој може да нé разликува по ликот
кој е господар а кој слуга. Затоа слушај:
Ти ќе бидеш господарот, Транио, место мене,
ќе го држиш домот, мојата позиција, многу слуги
а јас ќе бидам некој друг, некој Фиорентинец
Наполитанец или обичен граѓанин од Пиза.
Готово, смислено е. Транио, веднаш преслечи се, земи ја мојата закитена шапка и плаштот. Штом дојде Биондело, тебе ќе те служи,
но првин ќе го натерам да молчи за ова.

Транио

Потребно е.
На кратко, господару, таква е вашата волја.
А мојата должност е да ве слушам -
Зашто уште татко ви на одење ми рече
"Најди му се на син ми" иако мислам
ова го рече во сосема друга смисла -
Задоволство ми е Лученцо да бидам
зашто ептен многу Лученцо го сакам.

Лученцо

Значи биди ова, Транио оти Лученцо љуби;
и сега роб ќе стане за таа мома да ја има
која одеднаш го плени ранетото му око.
(Влегува Биондело.)
Еве го апашов. Момче, кај беше до сега?

Биондело

Кај бев јас? Поарно кажете кај бевте вие?
Господару, дали Транио алиштата ви ги украл
или вие неговите? Што се случува, ве молам?

Лученцо

Ела момче ваму. Ова не е време за шега
затоа приспособи се сосем на него.
Твојот другар Транио, за да ме спаси,
ме игра мене и моите алишта ги зеде
а јас неговите, заради моето бегство.
Зашто во кавга кога дојдов на брегот
убив човек и се плашам дека веќе ме знаат.
Служи го ти него, ти наредувам, како што треба,
додека најдам начин животот да си го спасам.
Ме разбираш сега?

Биондело

Јас, господару? Ни малку.

Лученцо

И да не си го брбнал зборот Транио.
Транио сега Лученцо е станат.
Биондело. Блазе си му. Камо и јас да станев.

Транио

И јас би сакал навистина да сум тој, особено ако успеам
Лученцо навистина да ја добие помалата ќерка на Батиста.
Но момче, не заради мене туку заради господарот те советувам
да не се откачуваш во кое и да е друштво.

На само, викај ме Транио,
ама на други места за тебе сум твојот господар Лученцо.

Лученцо

Транио, да одиме.
Ти останува уште нешто да завршиш,
да станеш еден од просците. Не прашувај оти
зашто одговорот го знаеш "за триста пати!"
(Излегуваат.)
(Од горе говорат присутните на претставата.)

Првиот слуга

Господару, само кимате а баш ви е гајле за претставата.

Слај

Кимам, кимам жими света Ана.[5] Добро
е, добро е. Ќе трае уште
многу?

Лакејот

Господару, штотуку почна.

Слај

Генијална работа ти велам. Баш би сакал да
е свршена.
Седат и гледаат.[6]

Сцена 2

(Влегуваат Петручио и неговиот слуга Грумио.)

Петручио

Вероно, за кратко заминав од тебе,
да ги видам пријателите во Падова, а пред сите
мојот најмил и најдокажан пријател
Хортензио; ова е сигурно неговата куќа.
Овде Грумио, момче, удри велам.

Грумио

Да удрам, господине? Кого да удрам? Дали некој
ја навреди вашата милост?

Петручио

Гаду, удри ми една овде машки, велам.

Грумио

Да ви удрам една, господине? Зошто,
господине, што сум јас,
господине, за да ви удрам една, господине?

Петручио

Гаду, велам, удри ми ја оваа порта,
и бапни ми ја силно или ќе те треснам по
апашкиот сурат.

Грумио

Господарот ми стана кавгаџија. Ако ве удрам прв
на крајот ќе платам со скршен нос и крв.

Петручио

Значи неќеш?
Е кога неќеш, ќе ти ја свирнам една ко на вол па да видам како ќе ја пееш до ре ми фа сол.
(Го тегне за уши.)

Грумио

Помагајте луѓе, помош! Господарот ми се шекна.

Петручио

А сега тропај кога ти велам, копиле едно апашко.
(Влегува Хортензио.)

Хортензио

Што е, што се случува? Мојот стар пријател Грумио, и мојот
одличен пријател Петручио? Како си врвите во Верона?

Петручио

Синьор Хортензио, ńе најдовте сред кавга.
Con tutto il cuore ben trovato, од срце се радувам на оваа средба, велам.

Хортензио

Alla nostra casa ben venuto, molto honorato signor mio Petruchio, Добро дојдовте во мојот дом, мој многупочитуван синьор Петручио.
Стани, Грумио, стани. Ќе ве смирам веднаш.

Грумио

Не, господине, не придавајте важност на она што го треска на латински. Освен ако ова не е законски начин да си ги соберам парталите и да ме нема од неговата служба. Гледајте, господине. Ме натера да го удрам и да му јавлепам една машки, господине. А дали треба еден слуга така да постапи кон господарот кога овој е за еден преку триесет и еден, изгорен, во аут?[7]
Камо среќа, боже, да го тепав уште како мал, сега тој за Грумио, тврдам, душа би дал.

Петручио

Копиле швркнато. Хортензио добар,
му наредив на гадов да тропне на вашата порта
ама не можев ни со сила да го натерам.

Грумио

Да тропнам на порта? Господе боже! Зарем дословно вака
не рековте, "Момче, удри ми овде, бапни ме овде, удри ми ја
машки, и бапни ми ја силно"? А сега ми велите
"тропни на порта" сте ми рекле!

Петручио

Момче, бриши, или затни се, ти давам совет.

Хортензио

Смирете се, Петручио, јас зад Грумио стојам,
ова е недоразбирање меѓу вас и него,
вашиот стар, верен, добар слуга Грумио.
А сега кажете ми, мил пријателе, кој среќен ветер
ве донесе од старата Верона овде во Падова?

Петручио

Ветрот што ги разнесува младите по светот
да си ја бараат среќата подалеку од дома,
кајшто ништо не им се случува. На кратко,
синьор Хортензио, вака работите стојат:
Антонио, татко ми, неодамна умре,
а јас заакав наваму онака без врска
можеби да се женам и да сторам нешто од себе.
Пари имам во ќесево а имање дома
па ете сакам и светот малку да го видам.

Хортензио

Петручио, смеам ли, тогаш, без заобиколување,
да те препорачам кај една зла и опака жена?
Но за советов, веруваj мu само ќе ме щуеш,
иако, веруваj мu богата е многу,
од мерата надвор. Но за пријател те сметам
и не би сакал со неа да се плеткаш.

Петручио

Сињор Хортензио, меѓу пријатели какви
што сме ние,
малку зборови треба; и затоа, ако знаеш
мома
доволно богата на Петручио да му биде жена
- а целта на женачката ми е добар мираз -
нека е и грда ко саканата на Флорент,
стара ко Сибила, опака и лоша
ко Ксантипа на Сократ, па и полоша уште,
тоа не ќе ме спречи ниту пак тапа
ќе ми ја стори оштрицата на моите чувства
па макар побесна да е од пенливиот Јадран
Дојдов богато да се оженам во Падова
а ако е богато, се подразбира дека е и
среќно.

Грумио

Ете, гледате господине, в лице ви кажа што
мисли. Ви велам,
само дајте му доволно злато и тој ќе се
ожени со шутка, со
најголемиот акреп на светот, со беззаба
баба ако треба па макар
таа да ги има собрано сите болести од педе-
сет и две кобили. Ви велам, не пропушта тој
ништо кајшто има мандро.

Хортензио

Петручио, бидејќи веќе загазивме доста,
ќе продолжам со она што само на шега го
спомнав.
Можам, Петручио, да ти помогнам да дојдеш
до жена, богата мошне, убава и млада,
одгледана навистина ко велмошка права.
Единствена мана, а маната голема е многу,
е таа што момава е неподнослиро остра,
дрска и лоша и тоа од мерата надвор
па состојбава да ми е полоша од што ми е
ти велам не би ја оженил ни за златен
рудник.

Петручио

Молчи Хортензио. Ти не ја знаеш од златото
моќта.
Кажи како се вика татко ѝ и тоа ми е доста.
Оти ќе ја стуткам па макар пцуела гласно
ко гром што удира од есенски облак.

Хортензио

Татко ѝ се вика Батиста Минола
благородник еден, друштвен и учтив
а нејзиното име е Катерина Минола
позната во Падова по својот змиски јазик.

Петручио

Сум чул за татко ѝ иако нејзе не ја познавам,
тој добро го познаваше покојниот ми татко.
Око не склопувам Хортензио, дури не ја
видам,
затоа дозволи ми да бидам со тебе дрзок
и да те оставам уште на првата средба
освен ако не сакаш до таму да ме пратиш.

Грумио

Ве молам, господине, пуштете го да оди дури
е на своите. Ви тврдам, кога би го познавала
како мене, би знаела дека опакоста
кај него не пали. Можеби пет-шест пати
ќе му рече гаду ама, ви велам, за него тоа
не е ништо. Ама кога еднаш тој ќе почне,
мамичето има да ѝ го расплаче. Ви велам,
господине, ако само малку му се опира, ќе
ја напика од кајшто излегла и така ќе ја рас-
тури што бела мачка не ќе може да гледа. Не
го знаете вие него, господине.

Хортензио

Чекај Петручио, мора да дојдам со тебе,
зашто Батиста е чувар на моето благо.
Тој го има билјурот на мојот живот,
најмалата ќерка, убавата Бјанка
и не ми ја дава ни мене ни на сите други
просци нејзини и соперници мои.
Сметајќи дека не доаѓа во предвид
заради маните што прееска ти ги спомнав
Катерина некогаш на веков да се мажи
затоа Батиста строга заповед даде
никој да нема пристап до Бјанка
сé дури опаката Катерина не добие маж.

Грумио

Опаката Катерина,
полош глас на девојка не може да ѝ излезе.

Хортензио

Сега Петручио услуга од тебе барам,
ќе ме понудиш преправен во скромна руба
на стариот Батиста како учител
вешт по музика што ќе ја подучува Бјанка
Вака, со ова лукавство ќе имам барем
дозвола и време со неа да бидам
и непречено да ѝ се додворувам на само.

Грумио

Ова ти се вика безобразие. Се здружиле младите
да им подвалат на старите.
(Влегуваат преправени Гремио и Лученцо.)
Господару, господару, свртете се. Некој доаѓа, еј?

Хортензио

Молчи, Грумио. Тоа ми е соперникот.
Петручио, да се тргнеме малку на страна.

Грумио

Убав фраер, прч над прчовите. [8]

Гремио

Многу добро. Ја прегледав листата книги.
Слушај, господине; убаво да ги подврзеш, гледај,
само љубовни книги за секој случај
и ништо друго да не чита, добро?
Ме сфаќаш. Покрај, ти велам,
широкоградоста на синьор Батиста
и јас богато ќе те наградам. Белешките исто
земи ги и намирисај ги добро
зашто се наменети за онаа што мириса
поубаво од парфем. Што ќе ѝ читаш?

Лученцо

Што и да ѝ читам, вас ќе ве величам
како мој добротвор, толку верно
ко вие самите да сте на лице место,
а можеби и со зборови поубави многу
од вашите, освен ако и самиот не сте учен.

Гремио

О ученост, ученост, толку си моќна!

Грумио

О, глупост, глупост, толку си намагарчена!

Петручио

Молчи, момче.

Хортензио

Грумио, псст! Добар ден, синьор Гремио.

Гремио

Добар ден, синьор Хортензио.
Знаеш кај одам? Кај Батиста Минола.
Ветив дека навистина ќе му најдам
добар учител за убавата Бјанка.
Ете ми се насмеа среќата па го најдов
овој млад човек, по ученост и однос
достоен на неа, начитан во поезија
и други книги, многу добри, ти тврдам.

Хортензио

Добро е. И јас господин најдов
кој ми вети дека учител ќе ми најде
одличен музичар за нашата мома.
И така не ќе ја пропуштам својата должност
кон убавата Бјанка која толку ја сакам.

Гремио

И јас ја сакам и тоа ќе го докажам на дело.

Грумио

Ќе го докаже тоа неговото ќесе.

Хортензио

Гремио, сега не е време да искажуваме љубов.
Слушни ме, и тоа пријателски чуј ме,
и ќе ти кажам вести за објацата добри.
Овде е еден господин кого случајно го сретнав
којшто, ако условите наши му се арни,
ќе се нафати да ја проси опаката Катерина
и да ја земе ако миразот ѝ е богат.

Гремио

Речено, сторено, добро е.
Хортензио, му ги кажа сите нејзини мани?

Петручио

Знам дека е незгодна, опака прчла.
Ако ова е сѐ, господо, не гледам тука пречка.

Гремио

Не гледаш пречка, господине? Од каде си?

Петручио

Роден сум во Верона, син на стариот Антонио.
Татко ми е мртов, богатството ми е живо,
и очекувам долго да живеам и среќно.

Гремио

Ама господине таков живот со ваква жена не оди.
Но ако ти стиска, ти велам со бога напред!
За сѐ што ти треба ќе ти бидам при рака.
Навистина ќе ја просиш оваа дива мачка?

Петручио

И ќе живеам.

Грумио

Ќе ја добие? Ќе ја добие или ќе ја обесам.

Петручио

А зошто сум овде ако не токму за тоа?
Мислиш од малку врева ќе ми пукнат ушите?
Зарем на времето не сум слушал рик од лавови?
Зарем морето не сум го слушал, разгневено сето,
како беснее ко потен, побудален, запенет вепар?
Зарем топови не сум слушал на бојното поле
и небесната артилерија како по небо буфта?
Зарем не сум слушал сред битките страшни
узбуни гласни, фрчење на коњи, трубежи на труби?
А вие ми бладате за некаков женски јазик
чиј пукот не е ни половина силен
ко пукотот на костен во огниште селско.
Глупости! Не сум дете да ме плашите со баба рога!

Грумио

Не се плаши од баба рога!

Гремио

Хортензио, слушај.
Господинов ни дојде како порачан,
мислам, за негово и за наше добро.

Хортензио

Му ветив дека ќе ги покриеме лично
трошоците за просењето, сите до еден.

Гремио

И ќе ги покриеме, под услов да успее.

Грумио

Камо вака да се кладам во добар ручек.
(Влегуваат Транио свечено облечен и Биондело.)

Транио

Господа, добар ден. Смеам да ве прашам
кој е најкраткиот пат што води
до куќата на сињор Батиста Минола?

Биондело

Мислите на оној што има две убави ќерки?

Транио

На него, Биондело.

Гремио

Да не мислите и на неа, господине, а?

Транио

И на него и на неа, господине. Зошто ви е гајле?

Петручио

Ама сигурно не на онаа што пцуе, врни.

Транио

Не ги сакам пцујачите, господине. Биондело, ајде.

Лученцо

Добар почеток, Транио.

Хортензио

Господине, само малку.
Дали дојдовте да ја барате момата што ја спомнавте,
да или не?

Транио

А и да сум дошол, господине, правам некој зијан?

Гремио

Не, ако без збор веднаш фатете џаде.

Транио

Зошто? Да не сте вие друмски разбојници
па патот е само ваш?

Гремио

Само наш е патот до неа.

Транио

А од каде, ви се молам?

Грмеио

Од кај што ми даде. Ви велам
таа е избраничката на сињор Гремио.

Хортензио

Таа е избраничката на сињор Хортензио.

Транио

Полека, господа. Ако сте велможи
имајте трпение нешто да ви кажам.
Батиста е велможа кому татко ми
не му е сосема непознат, па неговата ќерка
да е дури и поубава од што е, би можела да има
повеќе просци а меѓу нив и мене.
Убавата ќерка на Леда иљадници просци
имаше па и убавата Бјанка може уште
еден повеќе да има и еве сега Лученцо иде
па макар и Парис во трката за неа да биде.

Гремио

Што, зарем господинов ќе нé надзборува сите?

Лученцо

Само пушта рогови, господине. Бргу ќе папса.

Петручио

Хортензио, зошто толку зборови се трошат?

Хортензио

Господине, дозволете нешто да ве прашам.
Дали сте ја виделе ќерката на Батиста?

Транио

Не господине, но две слушам дека има;
едната прочуена по остриот јазик
ко што е другата по убавата скромност.

Петручио

Господине, господине, првата е за мене, не гибајте ја неа.

Гремио

Да, оставете го тој потфат на силниот Херкул.
Потежок е тој од сите негови јуначки дела.

Петручио

Господине, слушнете го ова, ве молам.
Помалата ќерка за која копнеете вие
татко ѝ ја чува подалеку од сите просци,
и вели нема никому да ја даде
додека постарата сестра не ја мажи.
Дури тогаш помалата ќе биде слободна.

Транио

Ако е сé така, господине, ако сте вие
човекот што на сите ќе им помогне па и мене,
Ако го скршите мразот и направите подвиг,
ја освоите постарата и ја ослободите помалата
за сите нас, тогаш оној што ќе ја добие
сигурно ќе ви биде благодарен за навек.

Хортензио

Господине, добро говорите и разбирате арно.
Бидејќи се изјаснивте и самиот за просец
морате, како и сите нас, да го наградите
господинов кому сите сме му должни.

Транио

Господине, за тоа без гајле. Дека сум од збор
ве канам да се најдеме некаде вечерва
и да пиеме за здравјето на нашата мома
баш како противничките адвокати што прават
жестоко се борат но ко пријатели јадат и пијат.

Грумио и Биондлео

Одличен предлог! Да одиме, пријатели.

Хортензио

Предлогот е без грешка, предлогот е петка.
Петручио, велам јади и пиј на моја сметка.[9]

Чин ВТОРИ

Сцена 1

(Влегуваат Катерина и Бјанка.)

Бјанка

Добра сестро, не резили ме мене ни себе,
правејќи од мене робинка и пленик.
Тоа ме вади од памет. Но за драгулиите
други
рацете одврзи ми ги и ќе ги фрлам сама.
Да, и сета руба, здолништето дури,
нареди што сакаш, тоа ќе го сторам
бидејќи должноста кон постарите ја знам.

Катерина

Од сите твои просци, ти наредувам да ми
кажеш
кого најмногу го сакаш. И тоа без глума.

Бјанка

Верувај ми, сестро, од сите живи мажи
уште не сум го здогледала она лице
што ќе ми се бендиса повеќе од сите други.

Катерина

Лажеш сушиш. Зарем не е тоа Хортензио?

Бјанка

Ако ти се допаѓа, сестро, еве да умрам
ако не сторам сé на светот да го имаш.

Катерина

Ти си алчна, сакаш да живееш во раскош.
Затоа, велам, Гремио е тој што го сакаш.

Бјанка

Зарем за него ми љубомориш вака?
Тогаш си играш мајтап и сега ми е јасно
дека цело време само си се мајтапела.
Одврзи ми ги рацете, сестро, те молам.

Катерина

Ако ова е мајтап, значи сé друго било мајтап.
(Ја удира.)
(Влегува Батиста.)

Батиста

Што е пак сега? Од каде таа дрскост?
Бјанка, тргни се. Кутро девојче, плаче.
Оди земај ја иглата; нејзе остави ја на мира,
срамота, ти скоту од ѓаволска сорта
што ја мачиш како таа да ти е крива?
Кога ти рекла барем еден лош збор?

Катерина

Ме нервира што молчи, ќе ја столчам.
(Трча по Бјанка.)

Батиста

Што, зарем пред мои очи? Бјанка, бегај.
(Излегува Бјанка.)

Катерина

Што, зарем ми браните? Аха, сега гледам,
таа ви е богатството, таа мора да се мажи,
а јас треба боса да ѝ играм на свадба
и заради вас двајца да останам стара мома.

Не зборувајте ми, одам да седам и плачам
додека за одмазда не најдам начин.
(Излегува.)

Батиста

Дали некој татко некогаш бил во моја кожа?
Но кој иде?
(Влегуваат Гремио, Лученцо прерправен како Камбио во обични алишта; Петручио со Хортензио прерправен како Лицио и Транио прерправен како Лученцо со својот слуга Биондело кој носи лаута и книги.)

Гремио

Добро утро, комшија Батиста.

Батиста

Добро утро, комшија Гремио. Добар ден, господо.

Петручио

И вам, добар господине. Ве молам, зарем
немате ќерка
што се вика Катерина, доблесна и лична?

Батиста

Имам ќерка, господине, Катерина што се вика.

Гремио

Позавиено, господине. Многу сте смели.

Петручио

Не сум, сињор Гремио, пуштете ме само.
Јас сум велможа, господине, од Верона,
чув за нејзината убавина и памет
за нејзината привлечност и смерна кроткост,
прекрасните особини и благиот однос,
па се дрзнав да дојдам ко неканет гостин
во вашиот дом за да се уверам лично
во гласот за неа надалеку што се слуша.
А како надополна за тоа што ви сум гостин
ви носам еве еден мој близок човек
(покажува на Хортензио)
многу вешт во музика и математика,
за да ја остручи докрај во овие уки
за кои веќе, сигурен сум, доста знае.
Прифатете го или навреден ќе бидам.
Се вика Лицио, во Мантова е роден.

Батиста

Добредојден сте ми, господине,
а и тој заради вас.
Но треба едно да знаете за ќерка ми Катерина
за моја жал, таа едноставно не е за вас.

Петручио

Значи не сакате да се разделите од неа
или можеби не ви се допаѓам јас.

Батиста

Не сфаќајте ме грешно. Што мислев реков.
Од каде сте, господине? Како да ве викам?

Петручио

Петручио се викам, син на Антонио
човек познат ширум цела Италија.

Батиста

Добро го познавам. Добродојдени сте заради него.

Гремио

Со сета почит, Петручио, ве молам
дозволете ни и нам, понизните молители
да кажеме нешто. Ви велам, многу сте
наглит!

Петручио

Простете, сињор Гремио, ама кај мене нема
трте-мрте.
Веднаш работам.

Гремио

Се гледа, нема што, ама се плашам да не ви се тртне работата .
Комшија, прифатлив дар, нема што, сигурен сум. Ама за да ви искажам слична љубезност, посебно што сте благо наклонети кон мене а не кон некој друг, од сé срце ви го давам овој млад
учен човек *(покажува на Лученцо)* којшто долго време студираше на Ремс; вешт за грчки и латински како што е другиот за музика и математика. Се вика Камбио. Ве молам,
прифатете ги неговите услуги.

Батиста

Илјадапати фала, сињор Гремио. Добро ми дојдовте, добар
Камбио. *(На Транио.)* Ама добар господине, ми изгледате за
странец. Дали е неоправдано да знам зошто сте дојдени?

Транио

Простете, господине, јас треба да се правдам.
што како странец во градов овде
се осмелувам да бидам просец на вашата ќерка
убавата и доблесна Бјанка.
И за вашата цврста одлука сум слушнал во прилог што е на постарата сестра.
Сé што барам е, откако мојот корен
ќе го дознаете, да имам ист пристап
и слобода како и сите други просци.
А за образованието на вашите ќерки
ја приложувам оваа лаута проста
и овој избор од грчки и латински книги.
Ако ги прифатите, тогаш многу ќе вредат.

Батиста

Се викавте Лученцо? Од каде сте, молам?

Транио

Од Пиза, господине, син сум на Винченцо.

Батиста

Многу моќен во Пиза. Многу имам
слушано за него. Добро ми дојдовте
на гости, господине. *(На Хортензио.)* Лаутата
земете ја, *(На Лученцо)* а вие книгите. Веднаш
одете кај учениците ваши. Ej, момче!
(Влегува слуга.)
Момче, господава води ги кај моите ќерки и кажи им дека се нивните учители. И уште да ги слушаат добро.
(Излегуваат слугата, Хортензио, Лученцо, Биондело.)
А сега низ градина да прошетаме малку
па потоа на ручек. Сите сте ми мили гости,
и ве молам чувствувајте се како дома.

Петручио

Сињор Батиста, мојата работа чекање не трпи,
и не можам секој ден да просам девојка.
Добро го знаевте татко ми, а низ него и мене,
единствениот наследник на неговиот имот,
којшто успеав да го зголемам а не да го смалам.
Затоа кажете ми, ако ја освојам љубовта на вашата ќерка
каков мираз ќе добијам покрај неа?

Батиста

По мојата смрт, половина од сета земја,
а на рака веднаш дваесет илјади круни.

Петручио

За таков мираз ќе ја осигурам нејзе
во вдовичлукот, во случај да ме надживее
Ќе ѝ го оставам сиот свој имот и приход.
Сето ова подробно во договорот ќе стои
за обете страни до него да се држат.

Батиста

Да, само ако најголемата подробност се среди
а тоа е нејзината љубов: без тоа нема ништо.

Петручио

Тоа е ситница. Зашто ви велам, дедо,
решителен сум колку таа што е лоша;
и кајшто два разбеснети огна се сретнат
се троши она што го храни нивниот гнев.
Ветрето го распламтува малото огне во пожар
но ураганот го гасне огнот и сé друго.
Таков со неа ќе бидам а таа ќе потклекне веднаш
Зашто јас сум суров и не просам ко мало дете.

Батиста

Труди се колку што можеш и нека ти е со среќа.
Но сепак очекувај по некој тежок збор.

Петручио

Да, да. ќе бидам ко планините за ветрот
што не се тресат иако овој постојано дува.
(Влегува Хортензио со скршена глава.)

Батиста

Што е пријателу, што си толку блед?

Хортензио

Ако сум блед, тогаш верувајте, сум од страв

Батиста

Ќе стане ќерка ми добар музичар?

Хортензио

Побргу ќе стане добар војник.
За железо е створена а не за лаута.

Батиста

Не ја научи да удира во лаута?

Хортензио

Кај ќе ја научам кога ми ја удри лаутата од глава.
Само ѝ реков дека не ја држи лаутата добро
и ја свиткав раката да види како прстите се држат
а таа нетрпелива ко ѓаволска рожба ми свика:
“Не ја држам добро, а? Сега ти ќе видиш!”
И веднаш по тимбата ме тресна
и главата низ лаута ми излезе надвор
и стоев така замелушен и мрднат
и небаре со алка околу вратот зјапав
а таа ми се дереше, петпаречки свирач
ме нарече, задрогаз и што уште не, божем
однапред се спремала вака долно да ме грди.

Петручио

Весела женска, нема што, таква ми треба,
сега ја сакам многу повеќе од напред.
Умирам да врзам некој збор со неа.

Батиста

Дојдете со мене и ведро ви се молам,
подучувајте ја барем помалата ќерка.
Сака да учи и благодарна е на тоа.
Сињор Петручио, ќе дојдете со нас
или веднаш ќерка ми Катерина да ви ја пратам?

Петручио

Пратете ми ја, ве молам.
(Излегуваат сите освен Петручио.)
Ќе ја чекам овде,
и ревносно ќе ја просам кога ќе дојде.
Ако почне да пцуе, тогаш едноставно
ќе ѝ речам дека пее како славеј.
Ако почне да се мурти, ќе речам дека е мила
на лик ко утрински рози измиени со роса.
Ако е нема и не сака ни збор да каже
зборливоста ќе ѝ ја пофалам тогаш

и ќе речам дека зборовите ме параат в срце.
Ако ми рече да фаќам магла, ќе се заблагодарам
небаре ме поканила цела недела да ѝ бидам гостин.
Ако одбие да се венча, ќе ја молам денот
да го огласиме на стројот и бракот.
Но еве ја иде. Зборувај Петручио сега.
(Влегуваат Батиста, Гремио и Транио.)

Батиста

Што направи, сињор Петручио, со ќерка ми?

Петручио

Успеав, што друго? Можеше да не успеам?

Батиста

Па тогаш ќерко Катерино? Што се муртиш?

Катерина

Ме викате ќерка? А покажавте ваму
татковска грижа сакајќи да ме дадете
на еден полулудак, на еден чукнат силеџија
којшто а ќе отвори уста пцуе врни и мисли
дека со псовки ќе ми го најде крајот.

Петручио

Дедо, вака стојат работите: вие и сиот народ
говоревте за неа и говоревте грешно.
Ако е опака, опака е оти е мудра,
и не е дрска туку скромна како гулаб
и не е избувлива туку кротка ко утро.
По трпението е втора Гризелда а римска
Лукреција по својата чедност. И на крајот
да ви кажам дека се договоривме сложно
уште оваа недела свадбата да ни биде.

Катерина

Попрво ќе те видам на бесилка!

Гремио

Слушаш, Петручио, попрво ќе те види на бесилка.

Транио

Вака успеа? Значи и нам денот ќе ни се стемне.

Петручио

Трпение, господо, јас нејзе ја избрав.
Ако ние сме задоволни, што вас ве боли?
Се договоривме меѓу нас, на само,
да биде сé уште зајадлива во друштво.
Ви велам, просто нема да верувате
колку многу ме сака. О, најмила Кате!
Ми се обеси на врат, ме љубеше нежно
бакнеж по бакнеж и ми се колнеше цврсто
што веднаш потклекнав пред нејзината
љубов.
О, вие сте аматери! Фантастично е да се види
како еден кроток човек најлошата сприја
ја скротува кога маж и жена се сами.
Дај ми рака, Кате, за Венеција одам,
да купам руба за денот на свадбата наша.
Спремај гозба, дедо, покани гости,
знам Катерина ќе биде невеста за мерак.

Батиста

Не знам што да речам, само дајте рака.
Господ да те благослови, Петручио, верени сте.

Гремио и Транио

Амин, велиме. Сведоци сме ние.

Петручио

Дедо, жено, господо, збогум,
заминав за Венеција; наближува недела.
Ќе дадеме прстени, приќе, убава промена
бакни ме, Кате, во недела сме маж и жена.
(Излегуваат Петручио и Катерина.)

Гремио

Дали некој некогаш толку бргу се верил?

Батиста

Навистина, господо, сега трговец играм
што лудо се впушта во очајнички потфат.

Транио

Ама таа стока само гниеше кај вас,
ја ќе ќарите, ја по моринја ќе скапи.

Батиста

Мир да има во бракот, таква добивка сакам.

Гремио

Мирно некако пленот му падна в рака.
Но сега, Батиста, за помалата ќерка;
ова е денот што толку долго го чекавме сите,
јас сум ви сосед и првиот нејзин просец.

Транио

А јас повеќе ја сакам Бјанка
одошто зборот може да каже или мислата да смисли.

Гремио

Ти си голобрад и не можеш повеќе да ја љубиш.

Транио

Ти си белобрад, љубовта твоја смрзнува.

Гремио

А твојата пржи.
Скакулец еден, тргни се, возраста е таа што храни.

Транио

Но младоста женското око го плени.

Батиста

Смирете се, господо. Спорот јас ќе го решам.
По делата треба да се суди; кој од вас двајца
поголемо богатство за ќерка ми ќе даде
тој ќе ја има нејзината љубов.
Гремио, кажи ти што ѝ нудиш?

Гремио

Прво, како што знаете, мојата куќа во градот
сета болскоти во сребро и злато,
со леќени и бокали за нејзините нежни раце,
драпериите сите се оригинал Тирски.
Ковчезите од слонова коска полни се пари,
а во оние од кипарис покривачите стојат,
скапоцените алишта, балдахините и руво
од најдобро платно, турски перничиња со бисер
опточени, завеси од Венеција со вез од злато,
од туч и калај посатките ми се сите
и сé што еден газда треба да има. На село
в пондила имам сто млекодајни крави
а в јасли сто дваесет дебели вола
и сé друго потребно за ваквата бројка.
Малку сум подостарен, признавам, ете,
и ако умрам утре ова ѝ припаѓа нејзе
ако додека сум жив, биде само моја.

Транио

Ова "само" добро звучи. Господине, а сега
мене слушнете ме. Јас сум син единец
и единствен наследник на мојот татко.
Ако ја добијам ќерка ви за жена
ќе ѝ оставам три или четири куќи
во богатата Пиза добри како која било
куќа на стариот сињор Гремио во Падова,
плус две илјади дукати годишен приход
од плодна земја; сето е нејзино ако умрам.
Што, да не ве здоболи, сињор Гремио?

Гремио

Две илјади дукати годишно од земја?
(На страна) Сета моја земја не вреди толку.
Тоа таа ќе го има, плус гемија една

сега закотвена во пристаништето Марсеј.
Што, да не ве потонав со бродот?

Транио

Гремио, познато е дека татко ми има
три големи гемии, два брода
и дванаесет нови галии. Ова ѝ го давам,
и секогаш двојно од она што ќе го понудиш
следно.

Гремио

Следно? Веќе понудив сé, друго немам.
Не може да добие повеќе од она што го
имам.
Ако ти се допаѓам, ќе ме има мене и сé мое.

Транио

Тогаш е јасно дека девојката е моја
според ветувањето ваше. Гремио губи.

Батиста

Признавам дека најдобра е понудата ваша.
Нека татко ви гаранција ѝ даде,
па таа е ваша; инаку, простете за ова,
ако умрете пред татко ви, како таа
нејзиното ќе го добие?

Транио

Забелешката не ви е на место. Тој е стар, а
јас млад.

Гремио

Зарем младите не умираат како сите стари?

Батиста

Значи, господо,
решив вака: знаете дека во недела
мојата ќерка Катерина ќе се мажи.
Другата недела по ова Бјанка
ќе ви биде невеста, ако гаранцијата
ја донесете; ако не, тогаш Гремио ќе ја има.
А сега одам, ви благодарам на двајцата.

Гремио

Збогум, соседу добар. *(Излегува Батиста.)*
Сега не ти се плашам.
Момче недоделкано, татко ти би бил шутрак
сé тебе да ти даде и на стари години
да те моли за трошка леб. Глупости!
Старите италијански лисци не се толку
прости!
(Излегува.)

Транио

Да ти се плукнам во дртата, итра кожа!
Сепак играв ко сите адути да ми се в раце.
Наумив за господарот да сторам добро.
Излез нема освен лажниот Лученцо
да добие татко, што ќе биде лажен
Винченцо.
А тоа е чудно. Обично татковците
добиваат деца; но во оваа просидба луда
ако не потфрлам, можни се и такви чуда.
(Излегува.)

Чин ТРЕТИ

Сцена 1

(Влегуваат Лученцо, Хортензио и Бјанка.)

Лученцо

Доста со тоа ќемането. Ама си дрзок.
Толку брзо заборави каков дочек
ти приреди сестра ѝ Катерина? [10]

Хортензио

Ама, пимпирлио учена, таа е патрон
на небесната хармонија. Затоа биди
учтив и дај ми првенство првин
часот по музика да го одржиме
а потоа ти држи го својот час.

Лученцо

Магаре едно тврдоглаво, кога си читал
да знаеш зошто музиката ни служи?
Не си чул дека таа го освежува умот
по напорната работа и учењето тешко?
Затоа дозволи философија да ѝ читам
а потоа со твоето дрндање почни.

Хортензио

Види го ти него, увредите нема да ги трпам.

Бјанка

Господо, од обајцата навредена сум сега
зашто се глодате околу она што е мој избор.
Не сум прваче од некое запуштено село,
не сакам да ме врзуваат часови, одредено
време.
Ќе учам само како што мене ми се сака.
За да нема повеќе кавга, да седнеме.
А вие земете го инструментот и свирете
малку;
Часот негов ќе сврши пред да го наштимате.

Хортензио

Ќе си одите од час ако го наштимам?

Лученцо

Ти само оди и штимај, штимало едно!

Бјанка

Каде застанавме?

Лученцо

Овде, госпоѓице:
Hic ibat Simois, hic est Sigeia tellus,
Hic steterat Priami regia celsa senis.

Бјанка

Преведете.

Лученцо

Hic ibat, како што веќе ви реков - Симоис, јас сум Лученцо
- *hic est*, син на Винченцо од Пиза - *Sigeia tellus*, вака преправен за да ја освојам вашата љубов - *Hic steterat*, а оној Лученцо што доаѓа да ве проси - *Priami*, е мојот слуга Транио - *regia*, којшто мене ме претставува - *celsa senis*, за да го измамиме стариот деген.

Хортензио

Госпоѓице, си го наштимав.

Бјанка

Да чуеме. Уф! Горните жици.

Лученцо

Фалш ти е човече, пак наштимај го!

Бјанка

Чујте го сега мојот превод: *Hic ibat Simoi*c, не ве познавам - *hic est Sigeia tellus*, не ви верувам - *Hic steterat Priami*, внимавајте да не нé слушне - *regia*, не надевајте се премногу - *celsa senis*, не очајувајте.

Хортензио

Госпоѓице, сега ми е наштиман.

Лученцо

Фалшира долу.

Хортензио

Долу не фалшира туку долниов гад не ми штима.
(На страна) О колку е огнен и дрзок нашиов даскал.
Жими сé, апашов ја шмека мојата љубов.
Отсега, даскалиште, добро ќе те вардам.

Бјанка

Со време може ќе верувам, но се сомневам сега.

Лученцо

Немојте, ви се молам, зашто навистина Ајант
бил Екид, по прадедо наречен така.

Бјанка

Морам на учителот да му верувам, инаку, велам,
за тој сомнеж би се расправала уште.

Ама добро. Сега Лицио, твој е редот.
Учителу добар, не лутете се, ве молам,
што вака се пошегував со вас двајца.

Хортензио

(На Лученцо) А сега шетај и остави нé малку.
Музикава што ќе ја свирам не е за три гласа.

Лученцо

Не бидете пицајзла, господине! Морам да чекам
(на страна) и да вардам оти ако не сум во криво
нашиот учен музичар е заљубен до уши.

Хортензио

Госпоѓице, пред да го фатите инструментов
и да научите како прстите се местат
морам основните правила да ви ги кажам
за да ја совладате скалата побрзо, полесно
и подобро одошто со друг некој учител.
Затоа ви напишав сé убаво овде.

Бјанка

Ама јас ја научив скалата уште лани.

Хортензио

Ако, сега научете ја скалата на Хортензио.

Бјанка

Скала сум јас, темел на секоја складност,
до ре на Хортензио подај рака
ми фа Бјанка, мажи се за него со радост
фа сол зашто од срце тој те сака.
Сол ла еден клуч, а две ноти думам
си до смилувај ми се или ќе умрам.
Ова е скала? Не ми се допаѓа ни малку!
Стариот начин ми е помил. Не сум луда
да ги напуштам добрите правила заради
некои изуми нови.
(Влегува еден слуга.)

Слугата

Госпоѓице, татко ви ве моли книгите сега
да ги оставите и да помогнете да се среди
собата на вашата сестра. Свадбата е утре.

Бјанка

Збогум, учители мили. Морам да одам.
(Излегуваат Бјанка и слугата.)

Лученцо

Тогаш ни јас нема зошто да бидам овде.
(Излегува.)

Хортензио

А јас имам зошто даскалов да го вардам.
Ми се чини и тој е заљубен до уши.
Но Бјанка, ако мислите ти се толку ниски
па фрлаш око на секој долен простак
тогаш друг нека те земе. Те видов ли на руга
Хортензио, госпоѓице, ќе си земе друга.
(Излегува.)

Сцена 2

(Влегуваат Батиста, Гремио, Транио, Катерина, Бјанка, Лученцо и други со слугите.)

Батиста

Сињор Лученцо, ова е денот кога
Катерина и Петручио треба да се земат
а сепак нема ни трага ни глас од зетот.
Што ќе речат луѓето? Каков резил ќе пукне
да не дојде зетот кога свештеникот треба
да го изврши чинот на венчавката?
Што вели Лученцо на овој наш срам?

Катерина

Срамот е мој. Морам на сила,
да ја дадам раката, против мојата волја,
на еден луд силеџија, настран бандит,
пребрз на просидба, бавен на женидба.
Ви реков тој е само налуничав шутрак
што со грубоста ги покрива киселите шеги.
И за да го мислат дека е весел фраер
тој би испросил илјада, би го закажал денот
свадбен,
гозба би спремил, пријателите би ги викнал,
сватовите а сепак не би дошол да се жени.
Сега светот за Катерина ќе шушка
и ќе вели "Опаа, ене ја лудата жена на
Петручио
ако му е ќеф да дојде и со неа да се жени."

Транио

Трпение Катерино, трпение Батиста.
Се кладам дека Петручио наумил нешто
добро,
без оглед што го спречува да остане на
зборот.
Иако е груб, знам дека мудрост во себе има;
иако е шегаџија, сепак чесност од срце му
блика.

Катерина

Сепак поарно никогаш да не го видев.
(Излегува плачејќи следена од Бјанка и слугите.)

Батиста

Оди девојко, не те обвинувам за плачот,
таков срам и светица би жегнал
а не лошотија зла каква што тебе те дал господ.
(Влегува Биондело,)

Биондело

Господару, господару, новости! И тоа толку стари новости што
такви до сега не сте чуле.

Батиста

И нови и стари? Како е тоа можно?

Биондело

Зарем не е новост да чуето за идењето на Петручио?

Батиста

Дојде?

Биондело

Не, господине.

Батиста

Па како тогаш?

Биондело

Доаѓа.

Батиста

Кога ќе дојде овде?

Биондело

Кога ќе застане кајшто стојам јас и оттука ќе ве гледа.

Транио

А што е со твоите стари новости?

Биондело

Петручио доаѓа со нова паларија и стар џакет; во излитени брич-панталони трипати засукани; со рало искинати чизми, едната со тока, другата со врвца; носи стар, за'рѓан меч земен од градскиот воен отпад, со скршен балчак и со канија чиј врв го нема а ремените се искинати; кобилиштето исчашено - со старо мувлосано седло и две различни узенгии - уште болува од шап и лигавка, низ ноздрите ѝ тече слина, нешцата подуени и крвави, нафрлена со мозолки, бабуњосана, испиштена, модра џигер од жолтица, жлездите потечени, припаѓа од вртоглавица, раскапана и црвјосана, грбот клапнат, скукулена, нозете рахитични, оглавникот разлабавен и од овча кожа, уздите скинати од честото затегање да не падне врзани во јазли; ременот нашиен од шест парчиња, а женскиот каиш од сомот, со две букви за нејзиното име сошиен на неколку места со дебел конец.

Батиста

Кој доаѓа со него?

Биондело

Неговиот лакеј, господине, опремен речиси како и неговата кобила; на едната нога платнен а на другата долг волнен чорап, а го подврзал едниот со црвена, другиот со сина крпа; на старата паларија место перче, заденал песнарка од четириесет љубовни песни; акреп, прав акреп е во тоа руво и не личи ни на рисјански паж ни на лакеј од господин.

Транио

Некоја чудна лунка го подбоднала вака да се облече.
Обично е скромно дотеран.

Батиста

Се радувам што доаѓа. Не е важно како е облечен.

Биондело

Ама господине, тој не доаѓа.

Батиста

Нели рече дека доаѓа?

Биондело

Кој? Петручио дека доаѓа?

Батиста

Да, дека Петручио доаѓа.

Биондело

Не господине, велам кобилата му доаѓа со него на грб.

Батиста

Па тоа е едно исто.

Биондело

Не, жими света Мара
се кладам по пара
коњот и човекот повеќе се од еден
иако не се број за мнозинство вреден.
(Влегуваат Петручио и Грумио.)

Петручио

Еееј, каде се тие господа? Кој е дома?

Батиста

Добродојдовте, господине.

Петручио

Не сум добредојден.

Батиста

Важно не кривите.

Транио

И не сте баш облечени како што би сакал.

Петручио

Зарем не е подобро што поитав вака?
Каде е Кате? Невестата моја лична?
Како е мојот дедо? Нешто сте ми намуртени.
И што се џарите господо моја
небаре зјапате во паметник чуден
некаква комета или чудо невидено?

Батиста

Па, господине, знаете дека ова ви е денот свадбен,
првин бевме тажни, мислевме ќе ве нема,
а сега сме потажни што дојдовте вакви.
Соблечете го срамот од вашето тело
што е трн в око за нашето славје.

Транио

Кажете ни, каква причина важна
толку долго ве тргна од невестата ваша
и ве прати овде без да личите на себе?

Петручио

Долго треба да кажувам и здодевно е да се слуша.
Доста е дека дојдов да го одржам зборот
иако морав малку и да доцнам,
но во погодно време ќе ви биде јасно
и задоволни сосем ќе бидете сите.
Но каде е Кате? Предолго ја чекам.
Утрото врви, време е за в црква.

Транио

Немојте ваков невестата да ве види,
одете кај мене и облечете алишта мои.

Петручио

Ни случајно. Одам ваков да ја видам.

Батиста

Ама ваков, не верувам дека ќе ве земе.

Петручио

Море ќе ме земе и оро ќе игра. Но доста!
За мене ќе се мажи а не за алиштата мои.
Кога би можел да го обновам тоа што ќе ми го износи
ко што би можел да го сменам ова бедно руво
добро би било за Кате, а подобро за мене.
Ама баш сум шутрак што муабетам со вас
место доброутро на невестата да ѝ кажам
и да го запечатам своето право со бакнеж.
(Излегуваат Петручио и Грумио.)

Транио

Има тој причина за откаченото руво.
Ќе го убедиме некако, ако е можно,
да се промени пред да оди в црква.

Батиста

Одам по него, да видам што ќе се случи.
(Излегуваат Батиста, Гремио, Биондело, слугите.)

Транио

Но покрај нејзината љубов ви треба
и согласноста на таткото, а за да успее ова
како што веќе порано ви реков
морам да најдам некој човек - секој
што ќе ни послужи за целта наша-
тој ќе изјави дека е Винченцо од Пиза
и ќе загарантира поголеми суми овде
во Падова од оние што јас ги ветив.
Така мирно ќе уживате во вашата надеж
и ќе ја земете слатката Бјанка со согласност
од нејзиниот татко.

Лученцо

Да не е оној мој колега даскал
што будно го следи секој Бјанкин чекор
добро би било бегалка да ја земам,
а кога ќе ја имам, цел свет не нека вели
ќе го чувам своето па макар ѓаволот да се буни.

Транио

До ситница треба да го разгледаме планот
постојано мислејќи во наша полза.
Ќе го надмудриме белобрадиот Гремио,
итро внимателниот татко Минола
префриганиот музичар, заљубениот Лицио
сѐ заради господарот мој Лученцо.
(Влегува Гремио.)
Синьор Гремио, избегавте од црква?

Гремио

Ко некогаш што бегав од училиште.

Транио

Дали идат дома и невестата и зетот?

Гремио

Зетот велите? Зевзек е тој, зевзек
невиден а девојката допрва ќе сфати.

Транио

Поопак од неа? Не ми се верува.

Гремио

Тој е ѓавол, зерзевулиште, сотона лоша.

Транио

А таа ѓаволица, враголица, лошотија горда.

Гремио

Не! Таа е јагне, гулаб, невинче према него.
Ви велам, господине Лученцо, кога попот

ја праша Катерина дали ќе му биде жена
"Да, ѓавол да ја носи," рече тој и оп̄у толку
гласно што попот, вџашен, книгата ја пушти
а кога се наведна да ја крене младоженецот
побудален и збеснат му ја тресна една
и попот се најде крај книгата, долу на подот.
"Сега кревајте ги," рече тој, "ако ви стиска!"

Транио

Што рече невестата кога овој стана?

Гремио

Сета се тресеше сиротата. Оти удираше со нога
и пцуеше небаре свештеникот сакал да го зезне.
А кога церемонијата најпосле се сврши,
свика по вино. "На здрваје!" се дереше, божем
е на палуба и со морнарите лока
по поминатата бура; потоа виното го допи
а талогот му го истури на ѓаконот в лице
онака од навал зашто му се сторило дека
брадата на ѓаконот, коштрава и ретка
ливкала дури пиел, за голтка вино.
Потоа грубо ја фати невестата за вратот
и ја шлапна в уста толку гласно
што сета црква ечеше од бакнежот.
Кога го видов тоа, побегнав од срам,
а по мене, сега целата поворка иде.
Таква луда венчавка до сега не била
Слушајте! Слушајте! Свирачите ги слушам.
(Се слуша музика.)
(Влегуваат Петручио, Катерина, Бјанка, Батиста, Хортензио со Грумио и другите слуги.)

Петручио

Господо, пријатели, ви благодарам на трудот.
Знам дека сакате да ручате со мене
и дека спремивте богата свадбена трпеза
но, за жал, итна работа ме чека
и затоа сега морам да се простам од вас.

Батиста

Можно е уште вечерва да си одите?

Петручио

Морам да си одам уште пред да се сноќи.
Не чудете се. Да знаете што имам на умот
вие и сами ќе ме подбоднете да одам.
Сватови честити, ви благодарам на сите
што бевте присутни кога се дадов
на оваа многу трпелива, слатка, доблесна жена.
Ручајте со дедо ми, наздравете и за мене,
зашто морам да одам. Збогум на сите!

Транио

Ве молам барем останете со нас за ручек.

Петручио

Не е можно.

Гремио

И јас ве молам.

Петручио

Не е можно.

Катерина

И јас те молам.

Петручио

Еп̄тен ми е мило.

Катерина

Дали ти е мило да останеш?

Петручио

Мило ми е што ме молиш да останам;
но не останувам, макар до утре да ме молиш.

Катерина

Остани, ако ме сакаш.

Петручио

Грумио, коњот!

Грумио

Спремен е, господару; веќе се прејаде од зобот!

Катерина

Тогаш прави што сакаш, денеска не ми се оди
а не одам ни утре, ни никогаш ако нећам.
Вратата е отворена, господине, фаќај ѓаде
и акај дури ти се чизмите здрави.
Јас останувам дури не ми прође ќефот.
Тешко со тебе ќе се живее, веќе гледам,
по утрото се познава денот.

Петручио

О Кате, смири се, не лути се те молам.

Катерина

Ќе се лутам; што има врска тоа со тебе?
Татко, вие молчете; ќе остане оти јас така сакам.

Гремио

Ете, господа, гледате, веќе чади.

Катерина

Господа, напред на свадбениот ручек,
гледам како од жената будала прават
ако нема дух да се спротивстави.

Петручио

Одете, што чекате кога ви вели Кате.
Почитувајте ја невестата, сватови мили.
Гостете се, лумпувајте, пијте,
наздравете ѝ на моминството со полни чаши.
Лудувајте, веселете се, обесете се!
Но мојата лична Кате мора со мене.
Не, не блаботете, не удирајте со нозе,
не кокорете се, не муртете се;
јас сум газдата на она што е мое.
Таа е мојот имот, моето домаќинство,
мојата движнина, мојата куќа,
моето домаќинство, мојата нива, мојот амбар,
мојот коњ, мојот вол, моето магаре, моето сѐ,
баш таа овде. Нека ја допре само кој смее!
Ќе го бранам и од најдрскиот своето право
ако ми застане на пат овде во Падова.
Грумио,
вади го мечот, опколени сме од кратци,
спасувај ја господарката, ако си човек.
Не плаши се, невесто слатка, нема да те гибнат
оти ќе те бранам, Като, па да се и милиони.
(Излегуваат Петручио, Катерина и Грумио.)

Батиста

Нека заминат, нека замине оваа мирна двојка.

Гремио

Да не заминеа брзо, ќе умрев од смеа.

Транио

Од сите луди бракови овој е најлуд.

Лученцо

Госпоѓице, што мислите вие за вашата сестра?

Биандело

Дека е луда, а лудите лудо и се мажат.

Гремио

Глава сечам ако Петручио не се покати.

Батиста

Комшии, пријатели, иако невестата и зетот
не се тука за да седат на почесните места
знаете дека трпезата до рам е полна.
Лученцо, ти ќе седиш на местото од зетот
А Бјанка ќе го заземе невестинското место.

Транио

За невеста ќе вежба слатката Бјанка?

Батиста

За невеста, Лученцо. Повелете господо, ајде.
(Излегуваат.)

Чин ЧЕТВРТИ

Сцена 1

(Влегува Грумио.)

Грумио

Да ти се плукнам во сите папсани кљусиња, во сите чукнати господари, во сите лоши патишта! Дали некој бил вака модросан? Дали некој бил вака батакосан? Дали некој бил вака папсан? Ме пратија напред да го наложам огнот, а тие идат по мене да се огреат. Да не сум тенџерџе што брзо се грее, усните ќе ми се залепат за заби, јазикот за непца, срцето за ребра, пред да стигнам крај оган што ќе ме одмрзне. Ќе се огреам дувајќи во огнот. Какво е времето и многу поголемо човечиште од мене ќе настине. Еј, ој, Кертис!
(Влегува Кертис.)

Кертис

Кој вика толку засипнат?

Грумио

Дедо мраз. Ако не ми веруваш, можеш да ми се лизнеш од рамото до петиците а да мислиш дека си ми се спуштил од главата до вратот. Оган, оган, Кертисе.

Кертис

Доаѓа господарот со жена му, Грумио?

Грумио

Доаѓа, Кертис, доаѓа - затоа ложи, ложи го огнот и не сипај вода на него.

Кертис

Дали е навистина толку опака како што се говори?

Грумио

Беше, Кертисе, пред овој студ. Ама ти знаеш дека зимата ги скротува мажот, жената, sверот; веќе го скроти мојот стар господар, мојата нова господарка, мене па и тебе, батко Кертис.

Кертис

Бегај да те нема, будало една од педа! Јас не сум sвер.

Грумио

Опаа, јас сум само педа, не? Роговите ти се две педи, а јас барем толку сум висок. А сега ќе го наложиш огнот или да те кажам на господарката чија рака, а сега кога е при рака, веднаш ќе ја осетиш врз својата студена среќа затоа што си бавен во својата жешка служба?

Кертис

Те молам, добар Грумио, кажи ми како е во светот?

Грумио

Студено е во светот, Кертис, во секоја работа освен во твојата; затоа пали кога ти велам. Врши си ја работата за да работиш

оти господарот и господарката ќе ни смрзнат од студ.

Кертис

Огнот е веќе запален; затоа, добар Грумио, кажи ми што е ново?

Грумио

Ново, ново, ново, новости колку ти душа сака!

Кертис

Ајде кажувај. Не туку ме маткај!

Грумио

Првин добро наложи го огнот оти смрзнав од студ. Каде е готвачот? Дали е вечерата готова, куќата поспремена, рогозината спрострена, пајажините исчистени, дали се слугите во ново одело и бели чорапи, а службениците во свадбено руво? Дали ги светнавте чашите одвнатре, пехарите однадвор, дали ги послявте масите, дали е сé како што треба?

Кертис

Сé е како што треба; те молам, новостите.

Грумио

Првин знај дека коњот ми е црknат од умор а господарот и господарката паднаа.

Кертис

Како паднаа?

Грумио

Од седлата во калта а ова е веќе цела приказна.

Кертис

Кажи ми ја добар Грумио.

Грумио

Дај го увото.

Кертис

На ти го.

Грумио

Еве ми ти! *(Го удира.)*

Кертис

Вака приказната се чувствува а не се слуша.

Грумио

Затоа и се вика чувствителна приказна; а оваа кврга ти е само чукање на уво за подобро да слуша. Сега почнувам. *Imprimis*, прво, одевме по една опасна удолница, господарот јаваше зад господарката

Кертис

Обајцата на ист коњ?

Грумио

Што ти е тоа тебе гајле?

Кертис

Гајле ми е за коњот.

Грумио

Тогаш ти раскажувај. Да не ме прекинеше, ќе чуеше како коњот ѝ падна, а таа се најде под коњот; ќе чуеше во каков батак падна и како сета се извалка, како тој ја остави со коњот на неа, како ме изнатепа што коњот ѝ се сопнал, како цапаше низ калта за да го тргне од мене, како тој пцуеше, како таа го

молеше а никогаш порано не молела, како јас кукав, како коњите побегнаа, како ѝ беше уздата испокината, како си го загубив кускунот, со сите работи вредни за паметење што сега ќе паднат во заборав а ти ќе заминеш в гроб како тиквар.

Кертис

Вака испаѓа дека тој е поопак од неа.

Грумио

Да, а тоа и ти и сите други лошотилаци овде ќе си го сетите на кожа кога ќе си дојде дома. Но зошто ти зборувам за ова? Викај ги веднаш Натаниел, Јосиф, Никола, Филип, Валтер, Шеќерашот и другите. Нека се исчешлаат како луѓе, нека ги исчеткаат сините палта, влакно да нема на нив. Нека се поклонат со подадена лева нога напред и нека не се дрзнат да допрат ни едно влакно од опашката на мојот господар пред да си ги бакнат рацете. Дали се сите спремни?

Кертис

Да.

Грумио

Викај ги.

Кертис

Слушате, еј? Мора да го дочекате господарот и да ѝ направите поклон на господарката.

Грумио

Што има да ѝ поклонуваат? Не е таа сиромашна.

Кертис

Тоа и врапчињата го знаат.

Грумио

Ама ти изгледа не знаеш зошто бараш слугите да ѝ дадат поклон.

Кертис

Барам само да ѝ се поклонат.

Грумио

А не себеси да се поклонат. Што ќе ѝ се? *(Влегуваат четири-пет слуги.)*

Натаниел

Добре дојде дома, Грумио.

Филип

Здраво, Грумио.

Јосиф

О, Грумио.

Никола

Другар Грумио.

Натаниел

Како ми си, стара кајло.

Грумио

Добро ве најдов, здраво, другарче, кајло. Ете се поздравивме. А сега, другарчиња мои наконтени, дали е сé спремно, дали нешто фали?

Натаниел

Ништо не фали. Сé е како под конец. Дали е блиску господарот?

Грумио

Само што не стигнал. Можеби веќе е во

дворот. Затоа немојте - да му се сневиди, тишина! Го слушам господарот.
(Влегуваат Петручио и Катерина.)

Петручио

Кај се копилињава? Што, никој на врата узенгијата да ми ја држи, да ми го прифати коњот?
Каде се Натанаил, Грегор, Филип?
Сите слуги. Овде сме господару, овде.

Петручио

Овде господару, онде господару, овде господару!
Простачишта едни неизделкани и глупи!
Не знаете за почит, внимание, што ви е должност?
Каде е тикварот што го пратив напред?

Грумио

Овде, господарот, си бев и си останав тиквар.

Петручио

Сељачиште едно! Пичлеме едно росписко!
Не ти реков да ме дочекаш во паркот топтан со сите овие апаши долни?

Грумио

Џакетот на Натаниел, господару, не беше готов,
а чевлите на Гаврил немаа половина ѓон;
немаше факел да се оцрни шапката на Петар,
мечот на Валтер в канија се заглави сосем.
Никој не беше спремен освен Адам, Ралф и Грегор,
другите беа испокинати, дрти, со просјачки фаци;
Но какви се, такви се, еве се за дочек.

Петручио

Марш, гадови, вечерата ја сакам на маса.
(Излегуваат слугите.)
(Пее) Ах што живот си живеев либе
Каде се тие-
Седи Кате, добро ми дојде. Храна, храна, храна, храна!
(Влегуваат слуги со вечерата.)
Мрзи едни! О, слатка Кате, весела биди.
Извадете ми ги чизмите, дегени! Сус! Вади!
(Пее) Едно мало моме
без татко остана...
Ооуу! Кретен! Ногата ми ја свитка!
Еве ти, на другата да пазиш! *(Го удира.)*
Биди весела, Кате. Вода донесете! Брзо!
(Влегува слуга со вода.)
Кај ми е загарот Троил? Момче, оди бргу и речи му на братучед ми Фердинанд да дојде.
Мораш да го бакнеш Като, да се запознаеш добро.
Кај ми се влечките? Ќе донесе некој вода?
Ајде Кате, измиј се, добро ми дојде, велам.
Скот еден скотосан, зошто го испушти?
(Го удира слугата.)

Катерина

Полека, те молам, не сакаше гледаш.

Петручио

Тиквар еден скофтаен, идиот, кретен!
Ела Кате, седи, знам дека си гладна.
Ќе се помолиш Кате или сакаш јас?
Што е ова? Јагнешко?

Првиот слуга

Да.

Петручио

Кој го донесе?

Петар

Јас.

Петручио

Препечено е како и јадењето цело.
Ќе ви кажам јас вам, пезевенци едни! Кај е
готвачот? Како смеете, апашишта едни,
да ми носите нешто што не го сакам?
Марш! Носете сé назад, чаши, пајнци! На ви!
(Ја превртува масата сосе чиниште и јадењето.)
Безцумни гојда, невоспитано робје!
Што? Ми мрчите? Мамичето ќе ви го
плачам.
(Излегуваат слугите.)

Катерина

Те молам, мажу, смири се, жити господ.
Месото беше добро, ама ти беше намќор.

Петручио

Ти велам Като, беше изгорено и суво,
а мене ми е забрането такво да го јадам,
оти ме прави намќор и ме фаќа сафра.
Поарно е обајцата да постиме малку,
зашто сами од себе намќори сме двата
па не чини на сафрата да ѝ даваме месо.
Стрпи се, веќе утре подобро ќе биде
а ноќеска заедно ќе гладуваме сите.
Дојди, ќе те однесам во брачната спална.
(Излегуваат. Се враќаат слугите.)

Натаниел

Петар, си видел до сега вакво нешто?

Петар

Со опакост опакоста ја ништи.
(Влегува Кертис.)

Грумио

Каде е тој?

Кертис

Во нејзината одаја,
проповед за издржливоста ѝ држи
и вика, пцуе, грми а таа, сиротата,
не знае кој пат да го фати, кај да гледа.
што да вели па само седи и се џари
ко некој со воден чорап да ја удрил.
Брзнете, брзнете, еве го иде.
(Излегуваат. Влегува Петручио.)

Петручио

Мудро го започнав владеењето свое,
и се надевам дека на крајот ќе имам успех.
Јастребицата ми е остра и мошне гладна,
и дури не се покори нема да ја хранам
зашто најадена, ич нема да ме ферма.
Имам и друг начин дивјачкава да ја скротам
да ја научам да иде кога чуварот ја вика
т.е. да ја држам будна ко дивите петли
што ги држиме со крилата да бијат
оти се непослушни. Не јадеше денес,
ниту ќе јаде, сношти не спиеше, ниту
ноќеска ќе спие. Како со јадењето,
и за постелата мана божем ќе најдам,
Ќе го фрлам перничево ваму, перницата
таму,
покривачот на една, чаршафите на друга
страна.
Да. И сред цел тој дармар ќе глумам
небаре сé правам од грижа за неа.
А таа, на крајот, ќе си остане без спање,
ако задреми ќе викам, ќе грмам,
и со викање будна ќе ја држам.
Вака со љубезност жената се кроти,
и вака ујот лош и намќор се зауздува. Кој
знае подобро опакоста да ја кроти
да чујам: пријатни ќе бидат тоа ноти.
(Излегува.)

Сцена 2

(Влегуваат Транио и Хортензио.)

Транио

Дали е можно, Лицио, госпоѓица Бјанка
да сака некој друг освен Лученцо?
Имам чувство дека љубезно ме мами.

Хортензио

Господине, за да поверувате во она што
реков
застанете на страна и видете како ја учи.
(Влегуваат Бјанка и Лученцо.)

Лученцо

Дали имате корист од она на што ве учам?

Бјанка

На што ме учите? Објаснете го првин ова.

Лученцо

Ве учам на најважното, како да се сака.

Бјанка

А дали вие самиот знаете како се сака.

Лученцо

Засакајте ме од срце па од вас ќе учам.

Хортензио

Брзо, навистина брзо! Што велите сега,
вие што се колнете дека госпоѓица Бјанка
не сака никого на светот како Лученцо?

Транио

О љубов неверна, о, лажлив роде женски!
Ти велам Лицио, ова е многу чудно.

Хортензио

Не грешете повеќе, јас не сум Лицио, ниту
пак сум музичар како што ви велам
туку човек што мрази да живее во оваа
маска
заради онаа која од велможа еден бега
за да сака еден обичен голтар.
Знајте господине дека Хортензио се викам.

Транио

Сињор Хортензио, честопати сум слушал
за вашата голема љубов кон Бјанка,
Но бидејќи со свои очи видов колку е плитка
јас заедно со вас, ако се сложите вие,
засекогаш ќе се откажам од нејзината
љубов.

Хортензио

Гледајте како се љубат! Сињор Лученцо
еве ви рака, и овде свечено се колнам
дека повеќе нема да ја просам и дека
од нејзе се откажувам како недостојна сосем
за поранешната љубов и додворувањето
лудо.

Транио

Еве и јас исто најискрено се колнам
никогаш со неа да не се оженам па макар и
да ме моли.
Срам да ѝ е! Колку sверски му се пика под
кожа.

Хортензио

Камо цел свет да ја презре освен него!
А јас, за сигурно на заклетвата да си стојам,
за три дена со богатата вдовица
ќе се женам што ме сакаше цело време
дури јас бев зацапан во ова гордо тиќе.
А сега збогум, сињор Лученцо,
Љубезноста женска а не убавината нивна
љубовта ќе ми ја освои; баш вака си одам
цврсто решен на заклетвата да стојам.
(Излегува.)

Транио

Госпоѓице Бјанка, нека вашата љубов
благослов блажен ја прати и среќа!
Еве, ве фатив на дело, љубов нежна,
па се одреков заедно со Хортензио.

Бјанка

Транио, дали обајцата се одрековте низ клетва?

Транио

Да, госпоѓице.

Лученцо

Значи се оттарасивме од Лицио.

Транио

Сега тргна некоја блудна вдовица да земе
што во ист ден ќе ја испроси и ќе ја венча.

Бјанка

Бог нека му даде радост.

Транио

Да, и тој ќе ја скроти.

Бјанка

Тој така вели, Транио.

Транио

Вели и прави зашто во школа за кротење оди.

Бјанка

Школа за кротење? Постои такво место?

Транио

Да, госпоѓице а професор е Петручио
којшто секој ден предава кротење на опака
и врзување на пис јазик за заби.
(Влегува Биондело.)

Биондело

О, господару, господару, набљудував долго
ко пес сум црknат, но најпосле видов
учен старец како низ ридот се спушта
Ќе ни послужи, мислам.

Транио

Што е тој, Биандело?

Биондело

Профа, трговец или учител добар,
не знам точно; но облечен е светски,
во одот и изгледот како прав татко.

Лученцо

А зошто ни е, Транио?

Транио

Ако е лековерен и приказната ми ја прими,
ќе успеам тој да го одглуми Винченцо
и да му даде гаранции на Батиста Минола
небаре е вистинскиот Винченцо.
Одете со Бјанка и оставете ме сам.
(Излегуваат Лученцо и Бјанка.)
(Влегува Учителот.)

Учителот

Добар ден, господине.

Транио

Добар ден. Добро дојдовте.
Одите натаму или веќе стигнавте на целта?

Учителот

Овде ќе останам, господине, недела-две,
а потоа одам натаму, во Рим првин
па во Триполи ако господ ми даде здравје.

Транио

Од каде сте, ве молам?

Учителот

Од Мантова.

Транио

Од Мантова, господине? Бог нека ве варди!
Дојдовте од Падова за да умрете овде?

Учителот

Да умрам, господине? Зошто, ве молам?

Транио

Смрт го чека секого од Мантова
што ќе дојде во Падова. Зар не сте чуле?
Гемиите ваши се сопрени во Венеција, а војводата,
заради лична кавга со вашиот војвода
го објави тоа и го обнароди.
Чудо е но вие сте многу пресно дојден
инаку сигурно ќе го чуевте прогласот.

Учителот

Ама за мене, господине, полошо е вака.
Зашто имам меници од Фиренца
што морам овде да ги предадам.

Транио

Тогаш, господине, за да ви се најдам
ќе го сторам ова и ќе ви дадам совет:
Првин кажете ми, сте биле во Пиза?

Учителот

Да, господине, честопати сум бил во Пиза,
Пиза е позната по граѓани со углед.

Транио

Дали меѓу нив го познавате Винченцо?

Учителот

Не го познавам, но сум чул за него,
трговец со огромно азно.

Транио

Тој ми е татко, господине, и право да ви кажам
во ликот многу на вас личи.

Биондело

(На страна) Ама личат, ко пирустија со расол.

Транио

За да ви го спасам животот во зортов
заради него, ваква услуга ќе ви сторам,
за да не мислите дека најлошото ве снашло
само зашто сте плукнат сињор Винченцо:
Ќе ги присвоите неговото име и углед
а ќе ве примам веднаш кај мене дома.
А вие улогата глумете ја најдобро што може.
Ме разбирате? И ќе останете така
сé дури работата во градов не ја свршите.
Ако ова ви е помош, прифатете ја.

Учителот

О господине, прифаќам и вечно ќе велам
дека животот и слободата вам ви ги должам.

Транио

Тогаш ајде со мене да изведеме сé како што треба;
и уште ова, патем, сакам да ви го кажам;
на татко ми овде секојдневно се чека
да даде гаранции за бракот овде
меѓу мене и една од ќерките на Батиста.
За секоја околност упатства ќе ви дадам.
А сега дојдете да ве облечам како што
ви личи.
(Излегуваат.)

Сцена 3

(Влегуваат Катерина и Грумио.)

Грумио

Не, не, никако, не смеам ни за жива глава.

Катерина

Колку повеќе се мачам, толку повеќе ме куди
Што, зарем ме зеде за да ме умри од глад?
Просјак ако тропне на портата од татко
штом замоли милостина добива веднаш;
ако не, на друго место парче леб ќе најде.
А јас, која не молела во својот живот,
ниту пак сум морала нешто да молам,
умирам од глад, а од неспање ми се врти в глава.
Со пцости ме држи будна, со викање ме храни,
а најмногу ме боли што цело време вели
дека сé ова го прави од најчиста љубов
божем сака да каже ако јадам и спијам
болест тешка ќе ме најде или смрт на место.
Оди те молам донеси ми малку храна
не ми е гајле каква, само да е здрава.

Грумио

Што велите за телешка нога?

Катерина

Одлична е, те молам донеси ја само.

Грумио

Се плашам дека го потхранува гневот.
А што велите за дебело бутче печено на жар?

Катерина

Веќе лиги ми течат. Грумио, донеси го, те молам.

Грумио

Не знам дали и тој ќе ве дразни.
А што велите за пржена шницла со сенф?

Катерина

Тоа јадење најмногу го сакам.

Грумио

Да, ама сенфот најмногу лути.

Катерина

Тогаш донеси ја шницлата, остави го сенфот.

Грумио

А, не. Или ќе го јадете и сенфот
или нема шницла од Грумио.

Катерина

Тогаш обете, или едно, како сакаш.

Грумио

Значи сенф без шницла.

Катерина

Марш, да те нема, копиле едно гадно,
што ме храниш само со имиња од месо.
Чума да те сотре и тебе и сета банда твоја
што ликувате сега врз несреќата туѓа!
Бегај, лимје фати, велам.
(Влегуваат Петручио и Хортензио.
Петручио носи чинија со јадење.)

Петручио

Како ми си Като? Што, изнемоштена, мила?

Хортензио

Како сте, госпоѓо?

Катарина

Полошо не може да биде.

Петручио

Разведри си го духот, весело гледај,
еве, душо, види колку сум вреден,
сам ти зготвив храна и сам ти ја носам.
За ова, слатка Като, благодарна треба да
бидеш.
Што, молчиш? Значи, не ти е по волја,
и џабе сум се мачел. Ај, носи го ова.

Катерина

Те молам, немој.

Петручио

И на најмалата услуга велиме фала,
па така треба и на мојата пред да каснеш.

Катерина

Ти благодарам, господине.

Хортензио

Сињор Петручио, доста! Вие сте криви.
Ајде госпоѓа Кате, ќе ви правам друштво.

Петручио

(На страна) Изеди сé, Хортензио, ако ме
сакаш -
Добро нека ти дојде на твоето нежно срце.
Кате, јади брзо. Зашто сега, душо слатка,
ќе се вратиме во куќата на твојот татко
и ќе се гостиме онака како што треба,
во свилено руво и капи, прстени златни,
со нараквици, маклици, здолништа многу-
катни,
со шалчиња, павкалчиња, топли папучаки,
со килибар бразлетни, бисери и сите џаки.
Што, сита си? Тогаш кројачот те чека, мила.
телото да ти го покрие со шушкава свила.
(Влегува Кројачот.)
Влези кројачу, да видиме што ни носиш.

Рашири го фустанот.
(Влегува Трговецот со помодарска роба.)
Што носите, господине, вие?

Трговецот

Еве ја капелата што ја нарачавте.

Петручио

Што? Да не ја калапевте на пајнца? Тенџере
од крпи! Уф,уф! Простачки и грдо.
Ми личи на лубеница, на платнена дињa,
на ореова лушпа, на играчка за мали деца.
Тргај ми ја од пред очи! Донеси поголема.

Катерина

Не сакам поголема. Оваа баш е во мода,
сите отмени жени вакви денес носат.

Петручио

Кога ќе станеш отмена и ти ќе носиш,
пред тоа - не.

Хортензио

(На страна.) Тоа нема бргу да се случи.

Катерина

Мислам, господине, дека слободна сум да
кажам
и ќе кажам. Не сум ни бебуле ни дете.
И подобри од тебе трпеле да чујат
што имам да речам. Ако не можеш
затни си ги ушите. Јазиков ќе го каже
гневот на срцето или срцево ќе ми пукне,
а за да не пукне, слобода ќе си земам
да говорам најслободно, по моја волја.

Петручио

Велам, имаш право. Тоа е мизерна капа,
корка од колач, глупост, торта од срма.
Те љубам многу што не ја сакаш.

Катерина

Љуби ме, не љуби ме, капата ја сакам,
или неа, или никоја друга.

Петручио

Што, фустанот? Ах, да. Кројачу, давај!
(Излегува Трговецот.)
О милост господе! Маскарадава ја викаш фустан?
Што е ова? Ракав? Мене ми личи на топовска цевка.
Сиот е истуткан, избразден ко бурек со спанаќ.
Рецка овде, рецка онде, дупче ваму, дупче таму.
Ми личи на сито за сеење песок.
Како го викаш, терзијо, чудово, а?

Хортензио

(На страна.) Гледам дека ќе остане и без капела и без фустан.

Кројачот

Ми рековте да го сошијам по најнова мода.

Петручио

Ти реков, навистина. Ама ако помниш
не ти реков да го уништиш по најнова мода.
Затоа тргај ми се од пред очи
и друг, господине побарај си купец.
Мене не ми треба. Носи си го на жена ти дома!

Катерина

Никогаш не сум видела поубав фустан,
повешто, поприкладно, поотмено скроен.
Да не сакаш кукла да направиш од мене.

Петручио

Во право си, сака од тебе да направи кукла.

Кројачот

Вели вие мислите да направите кукла од неа.

Петручио

Што, мене ми продаваш басма на кило?
Лажеш, лажеш конче едно бедно,
напрсточе, аршинче,три фартаљче, палче,
полојнче, череше, болво, гнидо, вошко зимска!
Зарем во мојата куќа ми инатиш, вреќо крпи?
Да те нема, партал еден, парче, бришко
или ќе те збришам со аршинот па за навек
да не ти текне овде да ми блаботиш.
Велам го уништи нејзиниот фустан.

Кројачот

Се лажете; фустанот е шиен
според порачката што мајсторот ја доби
а налогот Грумио го даде.

Грумио

Му дадов материјал, а не налог.

Кројачот

Но што рековте? Како да се шие?

Грумио

Со игла, господине, и со конец.

Кројачот

А што рековте, мислам, како да се скрои?

Грумио

Ти си шиел и прикрпувал, ти најдобро знаеш.

Кројачот

Сум шиел. Не велам не.

Грумио

Немој мене да ми пришиваш. Со мнозина си инаетел, ама немој со мене. Ниту сакам да ми пришиваш глупости, ниту да ми се инатиш. Ти велам, му реков на мајсторот да го скрои фустанот, ама не и да го исецка. Ти велам, лажеш!

Кројачот

Чекај, овде е белешката за кројот.

Петручио

Читај!

Грумио

Белешката лаже суши ако сум рекол така.

Кројачот

(Чита) Imprimis, широк фустан.

Грумио

Господару, ако некогаш сум рекол "широк фустан", сошиете ме во фустанот и претепајте ме до смрт со макара од црн конец. Реков фустан.

Петручио

Продолжи!

Кројачот

"Со мала тркалезна капела."

Грумио

Признавам само капела.

Кројачот

"Со широк ракав."

Грумио

Признавам два ракави.

Кројачот

"Ракавите убаво изрецкани"

Петручио

Да, тука лежи измамата.

Грумио

Грешка во белешката, господару, грешка во белешката! Наредив ракавите да се пресечат а потоа да се сошијат; а тоа и ќе ти го докажам, иако си наоружан со напрсток на малото прсте.

Кројачот

Вистината ја говорам. Да си на друго место, ќе ти покажев јас убаво.

Грумио

Еве ме веднаш на мегдан. Земи ја белешката, дај ми го аршинот и немој да ме штедиш.

Хортензио

Полека, Грумио, тогаш некој ќе остане без партали.

Петручио

Па господине, на кратко, фустанот не е за мене.

Грумио

Во право сте господару, тој е за господарката.

Петручио

Дај му го на мајсторот.

Грумио

Гаду, да не си се осмелил! Ништо од господарката моја не е за твојот мајстор!

Петручио

Што ти е тебе гајле?

Грумио

О господару, гајлето е подлабоко од што ви се чини. Фустанот од господарката да му се даде на мајсторот? Никако, никако, никако!

Петручио

(На страна) Хортензио, речи дека ти на кројачот ќе му платиш.- Ајде носи го, да те нема, и ни збор повеќе.

Хортензио

(На страна) Кројачу, утре за фустанот ќе ти платам.
Немој да се лутиш на неговите пцости.
Оди, велам, и поздрави го твојот мајстор.
(Излегува Кројачот.)

Петручио

А сега ајде Като, кај татко ти одиме
баш во ова просто, честито руво.
Ќесињата ќе ни бидат полни, иако
алиштата сиромашки, зашто телото
богато умот го прави. И како што ова сонце
низ најтемните облаци се пробива
така и честа низ простото руво сирка.
Дали од чучулигата подрагоцена е една сојка
само зашто има поубаво перје?
Или змијата од јагулата
оти шарената кожа на окото му годи?
О, не добра Кате; полоша ни ти не си
заради простово, едноставно руво.
А ако ова срам го сметаш, на мене префрли го.
Затоа, биди весела. Тргнуваме веднаш
на забава и гозба во татковата ти куќа.
(На Грумио.) Викни по луѓето, и право кај него.
Извади ги коњите до широкиот сокак
таму ќе ги бјавнеме, а дотаму одиме пешки.
Да видам, тука е некаде околу седум часот,
сигурно ќе стигнеме точно за ручек.

Катерина

Те уверувам, господине, дека е два поручек
и само за вечера може да стигнеме.

Петручио

Ќе биде седум пред да се качам на коњот.
А ти што и да речам, намислам или сторам,
веднаш се спротивставуваш. Одете, луѓе.
Не одам денеска, а пред да одам
ќе биде онолку часот колку што јас ќе речам.

Хортензио

Овој јунак и на сонцето може да му биде газда.
(Излегуваат.)

Сцена 4

(Влегуваат Транио и Учителот преправен како Винченцо.)

Транио

Ова е куќата, господине. Да викам?

Учителот

Да, се разбира. Ако не се лажам
сињор Батиста може ќе се сети на мене
зашто пред дваесетина години во Ѓенова
заедно престојувавме во "Пегаз."

Транио

Добро; сериозно играјте ја улогата
како што му прилега на еден татко.

Учителот

Без гајле.
(Влегува Биондело.)
Но еве, слугата ви иде,
добро би било и тој за сé да знае.

Транио

Не плашете се од него. Момче Биандело
однесувај се како што треба, ти велам.
Замисли дека ова е вистинскиот Винченцо.

Биондело

Терајте работа.

Транио

Дали ја заврши работата со Батиста?

Биондело

Му кажав дека татко ви е во Венеција
и дека денеска го очекувате во Падова.

Транио

Ти си фино момче. Еве, почести се нешто.
Доаѓа Батиста. Бидете сега како треба.
(Влегуваат Батиста и Лученцо.)
Сињор Батиста, баш дојдовте во згодно
време. - Господине, ова е господинот што ви
го спомнав
Ве молам добар татко бидете ми сега
и погрижете се Бјанка да ми стане жена.

Учителот

Полека, сине.
Господине, дозволете ми да ви кажам дека
дојдов
во Падова да соберам некои долгови, а синот
мој Лученцо ме извести за големата љубов
помеѓу вашата ќерка и него. И бидејќи
сé најдобро за вас слушам и за љубовта
што тој ја чувствува кон вашата ќерка
а и таа кон него, не сакам на пат да му стојам
туку како одговорен татко, решив
да се жени; па ако ова е и ваша волја
јас сум спремен да се спогодиме и да ѝ дадам
гаранции на ќерка ви. Ситничав нема да
бидам
сињор Батиста, зашто за вас само добро
слушам.

Батиста

Господине, простете што ќе говорам сега.
Едноставноста и краткоста ми се допаднаа
многу.
Точно е дека син ви Лученцо ја сака
ќерка ми а дека и таа го сака него
освен ако обајцата не се преправаат вешто.
Затоа ако велите дека како татко
ќе постапите со него и она нужно
наследство ќе ѝ го оставите на ќерка ми
спогодбата е готова; согласност ќе дадам
син ви да ја добие мојата Бјанка.

Транио

Ви благодарам, господине. Каде тогаш
мислите е најдобро да се вериме и спогод-
бата

да се утврди поволно за обете страни?

Батиста

Не кај мене дома, Лученцо, оти знаеш
sидовите имаат уши, а имам многу слуги
и стариот Гремио наслушнува често
па веројатно не ќе нé остават на рајат.

Транио

Тогаш кај мене во станот, не е лошо.
Таму престојува татко ми; и таму ноќва
ќе ја завршиме работата спокојно и добро.
Испратете го слугата да ја викне Бјанка.
Мојот слуга нотар ќе доведе веднаш.
Најлошо е што заради брзањево цело
ќе мора да се задоволите со тенок дочек.

Батиста

Не е важно. Камбио, оди ти дома
и речи ѝ на Бјанка да се спреми.
Кажи ѝ што се случи: дека таткото
на Лученцо пристигна во Падова
и дека таа ќе стане жена на Лученцо.
(Излегува Лученцо.)

Биондело

Молам бога навистина да стане.

Транио

Не моли го бога туку мрдни сам.
(Излегува Биондело.)
(Влегува слугата Петар.)
Синьор Батиста, дали јас да одам напред?
Добродојдени сте. Гозбата од едно јадење ќе ви биде
но сé убаво ќе надополниме во Пиза.

Батиста

Одиме.
(Влегуваат Лученцо и Биондело.)

Биондело

Камбио.

Лученцо

Што имаш да ми кажеш, Биондело?

Биондело

Видовте како мојот господар ви намигнува и ви се насмевнува?

Лученцо

Видов, па што?

Биондело

Па ништо. Но ме остави овде да ви ги објаснам значењето и наравоучението од неговите знаци и намигања.

Лученцо

Те молам објасни ми ги.

Биондело

Значи вака: Батиста е среден, откако разговараше со лажниот татко на лажниот син.

Лученцо

И?

Биондело

Вие треба ќерка му да ја одведете на вечера.

Лученцо

И?

Биондело

И стариот свештеник од црквата свети Лука ве чека во секое време.

Лученцо

И?

Биондело

И толку. Тие ќе се бафтаат околу договорот и наследството. За тоа време, договорете си ја вие за себе, *cum privilegio ad imprimendum solum*, со исклучително право на печатење. Одете в црква! Земете го свештеникот, неколку ѓакони и неколку чесни сведоци. Ако зелников не ви е по волја па барате и штаве
тогаш речете ѝ збогум на Бјанка за навек.

Лученцо

Слушај, Биондело.

Биондело

Немам време. Знам една девојка што се мажила за едно попладне кога отишла в бавча да набере магдонос за да направи запршка. Така можете и вие, господине. А сега збогум, господине. Господарот ми нареди да одам во црквата свети Лука и да му кажам на свештеникот да ве чека кога ќе дојдете со вашето слепо црево.
(Излегува.)

Лученцо

Сакам, сакам, ако и таа сака.
ќе ѝ биде мило, што има тогаш да се сомневам?
Што и да се случи патот сега кај неа ме води ќе биде многу тешко ако Камбио без Бјанка си оди.
(Излегува.)

Сцена 5

(Влегуваат Петручио, Катерина, Хортензио и Слугите.)

Петручио

Побрзо, жити бога! Пак кај твојот татко. Господе боже, колку јасно месечината свети.

Катерина

Месечината? Мислиш сонцето, месечина нема.

Петручио

Велам месечината толку јасно грее.

Катерина

Знам дека сонцето толку јасно грее.

Петручио

Жими синот на мајка ми - а тоа сум јасова е месечина, ѕвезда или што ќе речам инаку не одам кај татко ти.
(На слугите) Ајде, враќајте ги коњите назад Само ми противречи, противречи, ништо друго не знае.

Хортензио

Кажете како што вели или ништо од патот.

Катерина

Напред, те молам, кога сме веќе до овде, нека биде месечина, сонце, што ќе кажеш Ако го наречеш свеќа, се колнам отсега ќе биде свеќа и за мене.

Петручио

Велам дека е месечина.

Катерина

Знам дека е месечина.

Петручио

Лажеш. Ова е благословеното сонце.

Катерина

Тогаш, жими господ, ова е благословеното сонце.
Но не е сонце ако кажеш дека не е сонце.
А месечината се менува по твоја волја.
Како ќе го наречеш ти, така ќе се вика
а така и Катерина ќе го вика.

Хортензио

Петручио, терај си го патот, победник си сега.

Петручио

Напред, напред! Така куглата треба да оди
а не да скршнува од природниот правец.
Но гледајте, некој ни иде на срешта.
(Влегува Винченцо.)
(На Винченцо.) Добро утро, госпоѓо отмена, каде вака?
Кажи, слатка Кате, проговори право.
Дали посвежа госпоѓа некогаш си видела?
Каков бој меѓу белото и црвеното на образот нејзин!
Кои ѕвезди небото го красат со личотија ваква
ко овие две очи што го красат
боженствено лице?
Лично, красно моме, добар ден уште еднаш.
Слатка Кате, прегрни ја што е толку дивна.

Хортензио

Ќе го побудали човеков правејќи го жена.

Катерина

Млада, бујна девствените, убава, свежа, слатка,
каде си тргнала? Од каде си?
Блазе си им на родителите со толку лично дете,
Блазе си му на човекот кому ѕвездите му дале
со него во брачната постела да лежиш.

Петручио

Што ти е Кате, да не си луда?
Ова е маж, стар, брчкосан, свенат, папсан,
а не девојка, како што ти велиш.

Катерина

Простете, господине што очите ме лажат
што толку ми се заслепени од сонцето
па сé некако зелено гледам. Сега гледам
дека сте честит старец. Ве молам,
простете што вака лудачки згрешив.

Петручио

Простете ѝ, господине честит и кажете ни
на каде одите: ако ист ни е патот
ќе ни биде мило да ви правиме друштво.

Винченцо

Доблесен господине и вие госпоѓо лична
што со чудниот поздрав ме стаписавте.
Се викам Винченцо, доаѓам од Пиза
и одам за Падова, во посета
на син ми кој одамна не сум го видел.

Петручио

Како се вика?

Винченцо

Лученцо, господине.

Петручио

Добро што се сретнавме. Најдобро за синот.
И сега по закон, а и заради староста чесна,
можам да те викам мил татко.
Со сестрата на жена ми, оваа госпоѓа овде,

до сега син ти веројатно се оженил. Не чуди се
и не жали, од одлична куќа е таа,
миразот ѝ е богат, родот висок;
и сите квалитети, чинам, ги има
за сопруга на еден господин честит.
Да се прегрнеме, Винченцо,
па ајде да го видиш синот свој честит
којшто, ти тврдам, ќе ти се израдува многу.

Винченцо

Дали е ова вистина или обичај имате така
ко патници да се пошегувате малку
со секој на пат што ќе го сретнете?

Хортензио

Те уверувам, татко, така е како што вели.

Петручио

Дојди со нас и сам увери се дека
вистината ја кажувам. Првата шега
верувам, малку недоверлив те стори.
(Излегуваат сите освен Хортензио.)

Хортензио

Па Петручио, ова ме исполни со смелост.
Кај вдовицата одам! А ако се препира
ти ме научи како строго да ја смирам.
(Излегува.)

Чин ПЕТТИ

Сцена 1

(Влегуваат Биондело, Лученцо и Бјанка.
Гремио е веќе таму пред нив.)

Биондело

Тихо и брзо, господине, зашто свештеникот е спремен.

Лученцо

Летам, Биондело. Но може ќе им требаш дома, затоа оди.
(Излегуваат со Бјанка.)

Биондело

Не, ни за жива глава, првин да ве видам в црква а после ќе се вратам кај мојот господар најбргу што можам. *(Излегува.)*

Гремио

Се чудам што Камбио уште го нема.
(Влегуваат Петручио, Катерина, Винченцо, Грумио, со Слугите.)

Петручио

Ова е портата, господине од домот на Лученцо.
Куќата на дедо ми е поблиску до пазарот.
Јас одам таму, а вас ве оставам овде.

Винченцо

Не ве пуштам пред да се напиете нешто.
Мислам дека овде може да ве примам.
Изгледа и за каснување нешто ќе се најде.
(Чука на вратата.)

Гремио

Изгледа работат нешто. Тропнете посилно.
(На прозорецот се појавува Учителот.)

Учителот

Кој тропа ко да сака да ја скрши вратата?

Винченцо

Дали е дома сињор Лученцо, господине?

Учителот

Дома е господине, ама со него не може да се зборува.

Винченцо

А што ако некој му носи сто-двесте фунти да го развесели?

Учителот

Чувајте си ги парите за вас. Нему не му се потребни додека сум жив јас.

Петручио

Ете, ви реков, син ви е омилен во Падова.
Ме слушата, господине? Да не маткаме џабе,
ве молам кажете му на сињор Лученцо дека татко му е дојден
од Пиза и чека овде на врата да зборува со него.

Учителот

Лажеш. Татко му дојде од Мантова и еве го гледа низ пенџере.

Винченцо

Вие сте му татко?

Учителот

Да, господине, барем така вели мајка му ако може да ѝ се верува.

Петручио

(На Винченцо.) Што е ова сега, господине? Чекајте, па тоа е чист
мајмунлук да се присвои името на друг човек.

Учителот

Фатете го преварантот. Сигурно сака да измами некого во градов под мое име. *(Влегува Биондело.)*

Биондело

Ги видов заедно в црква; бог да ги благослови! Но кој е овде? Мојот стар господар Винченцо! Сега го јадовме брутот, готови сме!

Винченцо

(На Биондело) Доаѓај ваму, апашиште едно низаедно.

Биондело

Ќе одам кајшто сакам, господине.

Винченцо

Доаѓај ваму кога ти велам! Што? Да не ме заборави?

Биондело

Да ве заборавам? Не, господине. Не сум можел да ве заборавам бидејќи никогаш порано не сум ве ни видел.

Винченцо

Што, дегену еден дегеносан, никогаш не си го видел таткото на твојот господар, Винченцо?

Биондело

Што, мојот стар почитуван господар? Сум го видел како не, ене го на пенџере, господине.

Винченцо

Значи така, а?
(Го удира Биондело.)

Биондело

Помош! Помош! Овој лудак овде ќе ме убие. *(Излегува.)*

Учителот

Помош, синко! Помош сињор Батиста! *(Се тргнува од прозорецот.)*

Петручио

Те молам Кате, да се тргнеме на страна и да видиме како
ќе заврши оваа уџдурма.
(Влегуваат Учителот со слугите, Батиста, Транио.)

Транио

Господине, кој си ти што се осмелуваш да ми го тепаш слугата?

Винченцо

Кој сум јас, господине? Не, кој си ти, господине? О бесмртни богови! О наконтен гаду!

Свилен џакет, сомотски панталони, црвена наметка и белосветска шапка! О, готов сум, готов сум! Додека јас дома р'мбам и собирам ко мравка, син ми и неговиот слуга расипнички трошат на универзитетот!

Транио

Како, како? Што ти е тебе?

Батиста

Што му е на човеков, да не е мрднат?

Транио

Господине, по алиштата личиш на стар, трезвен господин ама по зборовите си лудак. Што ти е гајле господине ако сум облечен во бисери и злато? Благодарен сум му на својот добар татко што можам да ги носам.

Винченцо

На твојот татко? О sверу! Тој крпи sиври во Бергамо.

Батиста

Грешка сте, господине, грешка сте. Ве молам, што мислите, како се вика?

Винченцо

Како се вика? Прашувате како да не знам како се вика! Па јас го гледав од три годишно бебе! Се вика Транио.

Учителот

Да те нема, да те нема, магаре едно лудо! Се вика Лученцо и тој ми е син единец и наследник на сиот мој имот, имотот на сињор Винченцо.

Винченцо

Лученцо? О, тој го има убиено својот господар! Фатете го, ви наредувам, во името на војводата. О, синко, синко! Кажи, бандиту, каде е син ми Лученцо?

Транио

Викнете џандар.
(Влегува Џандар.)
Однесете го овој побудален никаквец в затвор. Дедо Батиста, погрижете се да излезе на суд.

Винченцо

Мене да ме однесат в затвор?

Гремио

Чекај малку. Тој нема да оди в затвор.

Батиста

Молчете, сињор Гремио. Јас велам дека ќе оди в затвор.

Гремио

Внимавајте сињор Батиста да не излезете намагарчен во работава. Би можел да се заколнам дека ова е вистинскиот Винченцо.

Учителот

Тогаш заколнете се.

Гремио

Сепак не можам да се заколнам.

Транио

Тогаш најдобро ви е да речете дека не сум Лученцо.

Гремио

Добро знам дека ти си сињор Лученцо.

Батиста

Ми се смачи од овој дебил. А оној носете го в затвор!

Винченцо

Зарем вака се дочекуваат и уништуваат странци? О гаду расипан!
(Влегуваат Биондело, Лученцо и Бјанка.)

Биондело

О, пропаднавме, ене го онде. Одречете се од него, заколнете се дека не го познавате или отидовме јабана

Лученцо

(Клекнува на колена.) Прости, татко.

Винченцо

Ти си жив, синко?
(Брзо бегаат Биондело, Транио и Учителот.)

Бјанка

Прости, татко мил.

Батиста

Што згреши?
Каде е Лученцо?

Лученцо

Лученцо е овде
вистинскиот син на вистинскиот Винченцо
којшто со венчавка ќерката ти ја зеде
дури измамата долна те лажеше на очи.

Гремио

Ова ти е лага, лага со опашка, измамени сме сите.

Винченцо

Каде е оној проклет, подол Транио
што в лице ме исмеваше и ме правеше лудак?

Батиста

Кажете ми, зарем ова не е мојот Камбио?

Бјанка

Камбио Лученцо стана.

Лученцо

Љубовта чудава ги стори. Љубовта кон Бјанка
ме натера со Транио да се сменам,
Тој мене ме претставуваше во градот
а јас најпосле среќно стигнав
до саканиот пристан на моето блаженство.
Сé Транио што стори, моја заповед беше,
затоа татко, заради мене, прости му.

Винченцо

Море носот ќе му го скршам на тој апаш
што затвор сакаше да ме прати.

Батиста

Но слушајте вие, господине! Зарем се оженивте со ќерка ми без мој благослов?

Винченцо

Не плашете се Батиста, сосема ќе ве задоволиме. А сега
одам внатре да се одмаздам за безобразлукот. *(Излегува.)*

Батиста

И јас, да ја измерам длабочината на овој арамилак. *(Излегува.)*

Лученцо

Не припаѓај Бјанка. Татко ти ќе се смири.
(Излегуваат Лученцо и Бјанка.)

Гремио

Извисив сосем, но со другите сепак ќе бидам надеж повеќе нема, но барем аир од гозбата ќе видам.
(Излегува.)

Катерина

Мажу, да одиме и ние, сакам да го видиме крајот.

Петручио

Се разбира Кате, ама бакни ме првин.

Катерина

Што, на сред улица?

Петручио

Што, да не се срамиш од мене?

Катерина

Не, не дај боже; срам ми е да се бакнувам.

Петручио

Тогаш се враќаме дома. Грумио, спремен?

Катерина

Не, не, ќе те бакнам. Остани, не биди темен.

Петручио

Зарем не е ова добро? Одиме Кате моја мила
Поарно еднаш од ниеднаш, ова ми дава сила.
(Излегуваат.)

Сцена 2

(Влегуваат Батиста, Винченцо, Гремио, Учителот, Лученцо, Бјанка, Петручио, Катерина, Хортензио, Вдовицата, Слугите, Транио, Биандело, Грумио поставуваат гозба.)

Лученцо

Најпосле, фалш нотите ни станаа складни
и време е кога лутата војна сврши
па се смееме на минатите опасности и бељи.
Убава моја Бјанка, добредојде на татко ми кажи
а јас, со истата љубезност на твојот татко.
Бацанаку Петручио, свеско Катерино,
и ти Хортензио со вдовицата мила,
гостете се и добро ми дојдовте дома.
Веселбата е за сите да станеме ведри
по гоштевањето што следи. Седнете, ве молам,
да седиме, да јадеме и да муабетиме.

Петручио

Само ќе седиме, седиме, и ќе јадеме, јадеме.

Батиста

Во Падова само може да се јаде и пие, зете.

Петручио

Во Падова, во Падова е рајот!

Хортензио

Заради нас би сакал ова да е точно.

Петручио

Жими сé, некој од некого
овде се плаши.

Вдовицата

Сметајте ме за лажливка ако јас се плашам.

Петручио

Бистри сте, нема што, ама не ме разбравте. Сакав да кажам Хортензио од вас се плаши.

Вдовицата

Кој има вртоглавица мисли дека светот се врти.

Петручио

Вртоглав одговор.

Катерина

Госпоѓо, што сакате да кажете?

Вдовицата

Тој вака ме заведе.

Петручио

Јас ја заведов? Како ти се допаѓа, Хортензио, ова?

Хортензио

Сака да каже дека вие ја заведовте вака да каже.

Петручио

Добар си ти маткач. Бакнете го за ова, ве молам.

Катерина

"Кој има вртоглавица мисли дека светот се врти" - Што сакавте, ве молам, да кажете со ова?

Вдовицата

Маж ви, подјармен од една змија
ја мери тагата на маж ми низ своја дулбија.
Сега знаете што сакав да кажам.

Катерина

Многу лошо сакавте да кажете.

Вдовицата

На лошотијата и мислев.

Катерина

Во споредба со вас јас сум цвеќе за мирисање.

Петручио

Навали, Като!

Хортензио

Навали жено!

Петручио

По што сакаш, мојата Кате ќе ја кутне.

Хортензио

Не сум цајкан!

Петручио

Ама зборуваш ко цајкан! Ај на здравје! Му наздравува на Хортензио.

Батиста

Гремио, како ти се допаѓаат овие бистри дечки?

Гремио

Па, господине, би рекол дека одлично се бодат.

Бјанка

Одлично се бодат? Секој паметен би рекол кој се боди на крајот рогови му растат.

Винченцо

Да, невесто, дали ова и вас од занес ве врати?

Бјанка

Да, ама не ме уплаши. Пак во занес ќе си спијам.

Петручио

Тешко. Но штом веќе започнавте
ќе пуштиме и на вас по некоја стрела.

Бјанка

Да не ви сум птица?
Тогаш грмушката ќе ја сменам
а вие бркајте ме со затегнат лак.
Добро ми дојдовте.
(Излегуваат Бјанка, Катерина и Вдовицата.)

Петручио

Ми побегна, сињор Транио
Птицата во која стрелавте а не ја погодивте;
Пијам за сите нишанции што промашија.

Транио

Ама господине, Лученцо ме пушташе ко загар
да трчам а за својот господар да ловам.

Петручио

Добра, бистра споредба, но мириса на куче.

Транио

Имате среќа, господине, што ловевте за себе.
Но велат, вашата срна в дупка ве пикна.

Батиста

О,О, Петручио! Транио те погоди сега.

Лученцо

Добро му го спушти, добар Транио.

Хортензио

Признај, признај, те погоди добро!

Петручио

Признавам, само малку ме гребна,
и бидејќи стрелата од мене се одби
се кладам дека вас двајца ве осакати.

Батиста

Зете Петручио, најсериозно мислам
ти ја доби најопаката од сите.

Петручио

Не е така. А за да видиме кој е во право
нека секој прати жените да ни ги викнат
а тој, чија жена е најпослушна
и прва дојде на повикот од својот маж
го зема облогот за кој ќе се договориме.

Хортензио

Добро. Колкав е облогот?

Лученцо

Дваесет круни.

Петручио

Дваесет круни?
На толку се кладам во мојот загар или сокол
а дваесет пати повеќе во својата жена.

Лученцо

Тогаш на сто.

Хортензио

Важи.

Петручио

Договорено!

Хортензио

Кој ќе почне?

Лученцо

Еве јас.
Оди Биондело, кажи ѝ на господарката да дојде.

Биондело

Одам.

Батиста

Зете, половина од облогот примам. Велам,
Бјанка ќе дојде.

Лученцо

Не сакам да делам. Цел ќе го добијам.
(Влегува Биондело.)
И?

Биондело

Господару, господарката аманет ви праќа
дека е зафатена и не може да дојде.

Петручио

Што? Зафатена е и не може да дојде?
Ова е одговор?

Гремио

Да. И тоа љубезен.
Го молам бога, господине, вашата
да не ви прати полош.

Петручио

Се надевам на подобар.

Хортензио

Биондело, оди и замоли ја мојата жена
веднаш овде да дојде.
(Излегува Биондело.)

Петручио

Глупости, оди замоли ја!
Е дури тогаш нема да дојде.

Хортензио

Сигурен сум, господине,
кај вашата никогаш не помага молба.
(Влегува Биондело.)
И? Каде е жена ми?

Биондело

Таа вели дека очигледно биете шега.
Не доаѓа. Вели вие да одите таму.

Петручио

Од лошо полошо, не доаѓа! О колку гнасно,
неподнесливо, неиздржливо!
Грумио, оди кај господарката твоја
и кажи ѝ дека ѝ наредувам да дојде.
(Излегува Грумио.)

Хортензио

Знам што ќе одговори.

Петручио

Што?

Хортензио

Не доаѓа.

Петручио

Тогаш тешко мене, што да кажам друго.
(Влегува Катерина.)

Батиста

Света богородице, еве ја доаѓа Катерина.

Катерина

Што повелаш, господару, зошто ме викаш?

Петручио

Каде е сестра ти и жената на Хортензио?

Катерина

Седат и разговараат крај каминот.

Петручио

Оди донеси ги веднаш. Ако одбијат,
со камшик донеси ги кај мажите нивни.
Оди, велам, и доведи ги веднаш.
(Излегува Катерина.)

Лученцо

Ако постојат чуда, тогаш ова е чудо.

Хортензио

Чудо ами како! Само не знам што
претскажува.

Петручио

Спокој претскажува, љубов и мирен живот,
почит и знаење кој е што во домот.
Или на кусо, сé слатко и среќно.

Батиста

Нека среќа те прати, добар Петручио!
Ти го доби облогот, а јас ти давам
уште дваесет илјади круни
како друг мираз за друга ќерка,
оти таа се смени, никогаш не била ваква.

Петручио

Уште подобро ќе го добијам облогот
со нови знаци за нејзината послушност
за нејзината новостворена покорност и
доблест.
(*Влегуваат Катерина, Бјанка и Вдовицата.)*
Еве ја иде и ви ги носи тврдоглавите жени
ко робинки на својата убедителност женска.
Катерина, шапката навистина грдо ти стои.
Фрли ја и згази ја овде пред сите.
(Катерина го послушува.)

Вдовицата

Господе, нов ден да не дочекам
ако некој некогаш ме натера на ваква глупост!

Бјанка

Глупости! Зарем послуш
ност се вика оваа лудост?

Лученцо

Би сакал и твојата послушност да е вака
луда.
Твојата мудра послушност, убава Бјанка,
вечерва ме чинеше сто круни.

Бјанка

Само лудак на мојата послушност се клади.

Петручио

Катерина, сега кажи им на овие тврдоглави
жени
каква им е должноста кон господарите
нивни и мажи.

Вдовицата

Сигурно се шегувате. Не сакаме некој да ни
попува.

Петручио

Стори така, ти велам, и почни со неа.

Вдовицата

Е, нема.

Петручио

Е, има. Почни, значи, со неа.

Катерина

Ту, ту! Разведри го тоа намуртено, гневно чело,
и не пуштај презриви стрели од тие очи,
да го раниш господарот свој, владетелот, кралот.
Убавината така си ја уништуваш ко мразот ливадата што ја
гризе, добриот глас си го ништиш ко тајфунот красните пупки
а тоа не е убаво, не е на место.
Гневната жена е како заматен извор
каллив, гаден, нечист, од убавината лишен,
и дури е таков ни најжедниот в пустина
не ќе се наведне капка од него да голтне.
Мажот е твојот господар, твојот живот, твојот чувар,
твоја глава, твој владетел; оној што за тебе се грижи,
те одржува; телото си го излага
и на море и на копно на напори мачни
сред бурите бдее ноќе, а денски на студот
дури ти во топлина и спокој лежиш дома;
И сé што од тебе бара за возврат
е малку љубов, погледи топли, послушност;
мала отплата за долгот голем.
Иста послушност ко поданикот на кралот
му должи жената на својот маж.
А кога е опака, мрзоволна, кисела, тврда
и непослушна кон неговата чесна волја,
тогаш не е ништо друго освен бунтовна, подла
одметничка, сурова предавничка
на својот господар добар. Се срамам
што жените се толку прости па нудат
војна таму кајшто за мир треба да клечат
или бараат власт, покорност и надмоќ
тогаш и таму кајшто треба да служат
слушаат и љубат. Зошто ни се телата меки,
слаби и мазни, непогодни за ‘рмбање и маки
ко не затоа нашите нежни ујови и срца
да бидат во склад со надворешниот изглед?
Слушајте! Само слушајте вие опаки, немоќни змии,
духот ми беше голем како вашиот,
срцето исто така, а разумот поголем уште
за борба со зборови, за војна со инает.
Но сега гледам дека копјата ни биле само сламки
снагата кревка, слабоста над секоја мерка
кога стремиме кон она за што сигурно не сме.
Затоа гордоста на страна, од неа нема полза,
не мислете дека мажите постојано нé молзат,
а во знак дека маж ми го почитувам и сакам
секогаш кога треба ќе му бидам при рака. [11]

Петручио

Ете, ова е жена! Дојди, бакни ме Кате!

Лученцо

И ќе те бакне. Тебе среќа те прати брате!

Винченцо

Убаво е да слушаш кога децата се послушни вака.

Лученцо

Но грдо е да слушаш кога жената е опака.

Петручио

Ајде Кате, одиме в кревет.
Тројцата се женивме, ама вам двајца ви бројам до девет.
(На Лученцо.) Го добив облогот иако ти ја погоди убавата Бела [12]
па сега ко победник добра ноќ ви велам.
(Излегуваат Петручио и Катерина.)

Хортензио

Му вадам капа, сепак најопаката ја скроти.

Лученцо

И тоа како: никогаш лошотилок да не коти.

(Белешки)

[1] Сото, најстариот син на селанецот, се појавува во драмата на Флечер, Задоволни жени *(Women Pleased)* ама не се додворува на една велмошка.
[2] Поставувањето на оваа сцена е проблематично. Според Арден изданието, *Enter aloft Sly*. . сугерира дека Слај се наоѓа некаде горе и дека дејството се случува на некоја поткрената бина или галерија. Но, на пример, на друго место сценската белешка вели нешто друго: *Enter two with a table and a banquet on it, and two other, with Slie asleepe in a chaire*. . . Влегуваат двајца слуги со маса и бокал на неа, па други двајца со Слај заспан на стол. . .
[3]Легендарна Асирска кралица позната по својата развратност. Шекспир ја споменува овде и уште двапати во Тит Андроник.
[4]Во Падова е основан во 1228 година еден од најстарите универзитети во Италија
[5]Света Ана, мајката на Дева Марија иако не е спомната во Библијата. Колнењето во света Ана е многу често во времето на Шекспир.
[6]Ова укажува дека тие остануваат до крајот на претставата иако повеќе не говорат ништо.
[7]Или е игра на возраста на Петручио, еден преку триесет и еден, значи 32 години или, што е поверојатно, се однесува на играта со карти триесет и еден; кога е еден преку триесет и еден, значи отишол преку дозволеното, изгорел што во фигуративна смисла би значело дека е напиен.
[8]Саркасичен коментар за Гремио.
[9]Кај Шекспир стои бен венуто. За да не го оптовариме текстот,италијанскиот израз соодветно го заменивме со македонски.
[10]Овде Лученцо е преправен како Камбио, а Хортензио како Лицио. Хортензио ја држи раката на Бјанка за да ја научи како се држи инструментот а ова го провоцира Лученцо. Оттука дрскиот тон на почетокот од сцената.
[11]Овој познат говор на Катерина е толкуван на различни начини. Затоа тонот на интерпретацијата е клучен за разбирањето на драмата.
[12]Бјанка значи бело. Алузијата на Петручио е дека Лученцо е вториот добитник по него.

Со сна удавил
не будучи

Наслов на оригиналот:

Love's Labour's Lost

Л И Ц А:

Кралот Фердинанд од Навара
Бирон
Лонгавил, лордови, придружници на кралот
Димен
Бојет
Маркад, лордови, придружници на фрнцуската принцеза

Дон Адријано де Армадо, шпански забавувач
Пречесниот Натаниел, свештеник
Холоферн, учител
Акмак, полициски службеник
Торлак, кловн
Молец, паж на Армадо
Шумар
Принцезата од Франција
Марија
Катарина
Розалина, дами-придружнички на принцезата
Жакенета, селанка

Службеници и други од свитите на кралот и принцезата.
Место на случување: ***Навара***

Ако треба да се откажеме од некоја од комедиите на Шекспир, тогаш, се чини, ***Со сила убавина не бидува*** е најпогодната за тоа, вели приближно Хазлит и неговото мислење е главно прифатено од критичарите и важи до денеска. Ова се должи, претежно на ставот дека ова е едно од најраните дела на мајсторот од Стратфорд на која тој чиракувал и го учел занаетот. Како потврда на ова најчесто се посочуваат преусилените римувани куплети, претераните и некогаш на сила изведени игри со зборови, недоволно живите ликови и често прекинуваното дејство за да може да се изведат некакви ефтини штосеви и бизарни скечеви кои не дозволуваат доискажување на замислените намери на авторот. Поуп, на пример, сметал дека комичните сцени се толку сувопарни и бледи што решил да ги исфрли од текстот ставајќи ги во фусноти за евентуалните истражувачи на развојот на Шекспир, да видат со какви напори и маки тој стигнал до своите подоцнежни големи остварувања.

Во најново време работите со оваа драма стојат нешто подобро. Шекспиролозите утврдиле дека ова сепак не е една од најраните драми, туку дека е создадена во периодот кога се напишани ***Ричард Втори***, ***Ромео и Јулија***, на пример, или недрамските дела вклучувајќи ги и сонетите. Истовремено, многубројните поставувања на сцена, покажаа дека ***Со сила убавина не бидува*** е сé уште привлечна како забавна пиеса, мистерија, па и како драма. Особено се нагласува важноста на стилот што ја прави драма со свој печат, со свој посебен шарм, драма блиска до музичко дело бидејќи, на пример, последниот, многу долг чин, е како некаков бал под маски постојано следен од музика и игри сé до самиот крај.

Најраниот текст на драмата е од кварто изданието од 1598 година на чија насловна страна стои: "Пријатно срочена комедија наречена Со сила убавина не бидува. Како што беше прикажана пред нејзиното величество овој Божик. Поправена и зголемена од Вилијам Шекспир… итн." Ова последното, "поправена и зголемена", укажува и на можниот начин на настанување на делото: значи, или постоело претходно издание на драмата кое, за оваа пригода Шекспир го поправил и проширил, или пак, како што е најчест случај со другите дела на Шекспир, постоела иста таква драма со истиот наслов од некој друг автор што Шекспир го дотерал и проширил. Сепак, може да се претпостави дека ова е автентична приказна на Шекспир, искомбинирана од случки врзани со историски личности и случки измислени од авторот за потребата на дејството.

Ова е прв превод на комедијата ***Со сила убавина не бидува*** на македонски јазик.

Кралот

Нека славата по која во животот трчаме сите
живее впишана врз тучните ни плочи
за потоа да нé краси во грдоста на смртта;
кога и покрај стрвното дрчно Време
трудот на сегашниов живот може да ни ја купи
онаа чест што тапа ќе ја стори острата му коса
и наследници ќе станеме на сета вечност.
Затоа, освојувачи храбри, зашто вие сте такви,
што бој биете со сопствените чувства
и војската бројна на земските страсти -
неодамнешниот наш пропис строго останува во сила:
Навара ќе стане чудо на светот
дворот наш ќе стане академија мала
во која умешноста на живеењето на мир ќе се учи.
Вие тројца, Бирон, Димен и Лонгавил,
се заколнавте три години да живеете со мене
ко мои другари школски, и да се држите до секој пропис
напишан на оваа листа овде:
заклетва дадовте а сега уште потпис фали
со кој секој од вас ќе си ја ризикува честа
ако го прекрши запишаново и во најмал детаљ.
Ако сте кадри да правите ко што се заколнавте со памет
потпишете се и однесувајте се според вашиот завет.

Лонгавил

Јас решив; само три години постот трае:
умот ќе празнува, иако телото ќе трпи:
кај дебелиот мев кус е умот а обилниот намет
ребрата ги гои но сосем те лишува од памет.

Димен

Господару сакан, Димен е успокоен:

Чин ПРВИ

Сцена 1

(Влегуваат Фердинанд, кралот од Навара,
Бирон, Лонгавил и Димен.)

погрубиот вид на насладиве овоземски
ги препушта тој на ниското грубо робје;
од љубов, богатство, слава, сега сум лишен
ко секој оној за мудрост што дише.

Бирон

Што можам друго освен со нив да се сложам;
барем за ова, кралу мој, ви дадов завет,
три години да учам и живеам овде.
Но тука има и други прописи строги;
да не се гледаш со жена, на пример, цело
време,
што се надевам не е пропишано строго:
па еднаш неделно да не се јаде ништо,
а во другите денови по само еден оброк;
што се надевам не е пропиШано строго;
потоа да не се спие повеќе од три часа ноќе
а денски да не те видат ни еднаш да трепнеш
иако сум свикнал ноќе да спијам ко јагне
и во темна ноќ да претворам половина од
денот
што се надевам не е пропишано строго.
Јалов завет за мене, претежок да се чува,
да не бидеш со жена, да не спиеш, да постиш,
да бубаш.

Кралот

Завет, значи, дадовте дека не сте обврзани
на ова.

Бирон

Не кралу мој, дозволете, а еве и додавка
нова
ќе учам со вас за тоа го дадов зборот
и три години ќе останам овде на дворот.

Лонгавил

За ова и за сé друго дадовме рака.

Бирон

И да и не зашто се заколнав на шака.
Која е целта на учењето, кажете, да знаеме?

Кралот

Да го знаеме она што инаку не го знаеме.

Бирон

Мислите скриеното и бранетото од душата
волна?

Кралот

Да, тоа е за оној што учи божја надополна.

Бирон

Тогаш е лесно; се колнам дека ќе учам така
да го научам забранетото од прва рака;
На пример, - како можам да се накркам арно
кога на пост строг треба да бидам стварно;
или како да се доградам до девојка фина
кога блудот со девојките е подложен на
вина;
или, заколнат толку тежок завет да ме влада
да научам да го прекршам без честа да ми
страда.
Ако добивката од учењето е ваква и како и
да е
на крајот се дознава она што инаку не се

знае
се колнам веднаш на ова и заветот вечно ќе ми трае.

Кралот

Вака фрлате врз учењето блудни петна
да ни ги заведува умовите во наслада суетна.

Бирон

Сите наслади се суетни но најсуетно колка таа што низ мака болна донесува болка;
ко на пример, болно да се џариш в книга барајќи го зракот на вистината; но дури е зад штитот
предавничи таа со слепило те стига
зракот што бара зрак од видело ти го лиши видот:
Така, пред да сфатиш каде светлината лежи во мракот
очите ги губиш, ти се затемнува зракот.
Изучете како да се задоволи окото стварно
втренчено во некое друго око многу помило
кое заслепено така, првово ќе го варди арно
светлина ќе му дава на она од кое заслепено било.
Науката е како небесното сонце сјајно
во кое не може со дрзок поглед длабоко да се рие
малку учените ископуваат за трајно
освен по нешто што во туѓите книги се крие.
Овие земни нунковци на небесните моќи
што име ѝ даваат на секоја ѕвезда што свети
немаат корист поголема од светлите им ноќи
од шетачот што минува без нив да ги сети.
Премногу знаење, знаење не е туку џева
нункото крсти и без да крева врева.

Кралот

Ама дарба има ученоста со учено да ја руши!

Димен

Добро воведен, воведеноста сосем да ја гуши!

Лонгавил

Го плеви житото а сепак плевел житото му го суши!

Бирон

Не е пролет кога ќе вревнат две-три глупи души!

Димен

Што има тоа врска?

Бирон

Место и време има.

Димен

Ама нема смисла.

Бирон

Барем има рима.

Кралот

Бирон е ко мраз зајадлив што фрчи
и ги јаде првородените пролетни чеда.

Бирон

И да сум; но зоШто возгордото лето да се прчи
пред птиците со причина песна да ведат?
Зошто да се радувам на недоносенче?
На Божик трендафилот го сакам
колку снегот во мај кога сé одново прета;
го сакам само она што во свое време цвета.
Така и вие, предоцна е некој на школо да ве прати
ко човек сте качен на кров да отклучува врати.

Кралот

Тогаш одете си Бирон, слободни сте ко штука!

Бирон

Не, господару добар; се заколнав да останам тука:
Иако за неукоста повеќе реков
одошто можете да кажете за таа ученост света
јас стојам на зборот и не се одреков
секојдневно да плаќам во овие три лета.
Дајте ми го листот, важна е секоја реда
под строгиве прописи ќе се потпишам веднаш!

Кралот

Сега ја тргнавте од вас срамотијава бедна!

Бирон

(Чита) Значи: ниедна жена да не се појави на километар и пол од мојот двор, - Дали е ова објавено?

Лонгавил

Пред четири дена.

Бирон

Да ја видиме казната - инаку ќе ѝ биде отсечен јазикот.
Кој ја смисли ваквата казна?

Лонгавил

Јас лично.

Бирон

А зошто, господине?

Лонгавил

Да не им текне да се приберат пред страшнава казна.

Бирон

Против доброто однесување опасна саблазна.
(чита) Значи: ако некој маж биде виден да зборува со жена во период од три години, ќе биде подложен на јавен резил што ќе го смислат другите од дворот.
Овој член, господару, ќе морате да го прекршите сами
зашто знаете добро дека во посета ви иде ќерката на францускиот крал, мома совршена, да би
разговарала со вас ко со господар виден
за предавањето на Аквитанија
на нејзиниот снемоќен, болен и неподвижен татко:
оттука залудно прописов на покорност нé кани
и залудно е идењето на убавата дама, братко.

Кралот

Што велите, господа? Ова го заборавив сосем.

Бирон

Ви велам, учењето секогаш е со кратки нозе.
Дури го бара она што навистина му годи
кон лажна цел учениот го води;
а кога најпосле до бараното ќе дојде
тоа е ко спален град, добиен а ќарот сјојден.

Кралот

Од нужност заборавете дека оваа прописка била
нејзе мора тука да ја сместиме по виша сила.

Бирон

Вишата сила ќе нé натера да се заколнеме сите
три илјади пати во овие три години време
зашто родени сме во нагонски вител
што не се кроти со сила туку со милозлив ремен.
Ако заклетвата ја скршам и престапник станам
тогаш со потребата во нужда ќе се бранам.
Затоа ставам потпис врз сите тези

а оној што ќе ги прекрши и во најмал степен
нека му е срам, арам и за навек да е резил;
Искушенијата важат за другите ко и за мене;
но верувам иако последен на потпис се
решив
последен ќе бидам што на заветот ќе
згреши.
Но зарем нема барем малку забавно да ни
биде?

Кралот

За тоа без гајле. На дворов, знаете, често
иде
префинет еден Шпанец, појава нова,
во најновата светска мода многу виден,
чиј мозок ко на шака фрази разни кова;
Музиката од сопствениот празен говор
го восхитува небаре е тоа мелодија на
зборот;
човек стросан кого доброто и злото
го избрале за судија главен во спорот.
Ова чедо на мечтите, Армадо што се вика,
ко одмор од учењето приказни многубројни
за витези ќе ни кажува доловувајќи ни слика
на сончевата Шпанија за која загинале во
војни.
Не знам како ви се допаѓа вам, благородни
души,
но мене ме шекнува кога лаже, суши
за ко мој бард, задоволство да ми пружи.

Бирон

За Армадо говорливоста е лук и вода
од него зборовите извираат, витез е на сво-
јата мода.

Лонгавил

Со него и со Торлак студиите ќе ни бидат
слатки
а дните од триве години многу кратки.
(Влегуваат Акмак со писмо и Торлак.)

Акмак

Кој од вас е личноста на војводата?

Бирон

Овој овде, момче. Што сакаш?

Акмак

Јас самиот ја претпоставувам неговата
личност, зашто јас сум малоценител на него-
вата висост: но би сакал личноста да му ја
видам во крв и месо.

Бирон

Ова е тој.

Акмак

Господинот Арм-Арм - ве препорачува. Нао-
колу врие од расипништво. Писмово ќе ви
каже повеќе.

Торлак

Господару, резилот ме чини мене однесува.

Кралот

Писмо од величенствениот Армадо.

Бирон

Без оглед колку ниско во содржината, на
Бога му се молам да е високо во стилот.

Лонгавил

Висока молба до ниско небо: Бог нека ни
даде трпение!

Бирон

Да слушаме? Или да не се кикотиме?

Лонгавил

Да слушаме кротко, господине и да се
смееме умерено; или да се откажеме и од
едното и од другото.

Бирон

Тогаш господине, нека стилот одреди колку ќе се искачиме на
скалите од веселоста.

Торлак

Случајот е само мој, господине, а се однесува на Жакенета.
Постапката негова е што ме фатија во постапка.

Бирон

Во каква постапка?

Торлак

Постапката и начинот еден по друг следат, господине; значи вкупно има три работи: Ми идеа по стапката и ме видоа како седам со неа во начинот; ме фатија како еден по друг ја следам во паркот што заедно прават постапката и начинот еден по друг да следат. Што се однесува до постапката, - тоа е постапка на маж кон жена; а начинот, - начинот ти е начелен.

Бирон

А што следи, господине?

Торлак

Следи мојот поправен; затоа Бог нека ја варди правдата!

Кралот

Ќе го сослушате внимателно писмово?

Бирон

Ко што се слуша пророштво.

Торлак

Прост е машкиот свет кога ќе му светнат очите по месо.

Кралот

(Чита). Везиру голем, ополномоштенику небесен и душегрижнику на Навара, богу на мојата земска душа и хранителу и заштитнику на моето тело.

Торлак

Сé уште ни збор за Торлак.

Кралот

Баш е така, -

Торлак

Можеби и е баш така, но ако тој вели дека е баш така тогаш, рака на срце, малку е онаков.

Кралот

Мир!

Торлак

За мене и за секој што не му стиска да се тепа.

Кралот

Ни збор!

Торлак

За туѓите тајни, ве молам.

Кралот

Баш е така, опколен од самурно темна тага, ја препорачав својата црно скислена потиштеност на исцелителната моќ на твојот здравјеносен воздух и, господин каков што сум, се предадов себеси на прошетка. Во кое време? Тука некаде околу шест поручек кога животните најмногу гризат, птиците

најдобро колваат а луѓето сеснуваат да го примат оној обед што се вика вечера; толку околу прашањето во кое време. Сега малку за тлото по кое, по кое, мислам, одев: тоа се вика твојот парк. Потоа малку за местото кајшто, сакам да кажам, налетав на оној гнасен и неприкладен призор, кој го влече од мојата снежно бела породршка абоносово мастило кое овде ти го забележуваш, гледаш, посматраш, пулиш. Но да се вратам на местото каде: стои на север-северо-исток и тоа источно од твојот западен агол на твојата чудесно сплеткана градина; таму го видов она расипничко гојдо, она апашко копиле со кое се развеселуваш,-

Торлак

Кој, јас?

Кралот

Оној глауч, оној забеган деген,-

Торлак

Кој јас?

Кралот

Онаа празна тиква

Торлак

Пак јас?

Кралот

Што, ми се чини, се вика Торлак,-

Торлак

Значи јас.

Кралот

Здружен и багабонтиран, спротивно на твојот донесен и објавен проглас и закон за воздржување, со, со - о, ама ми е мачно да го кажам она со,-

Торлак

Со една женска.

Кралот

Со една рожба на нашата прамајка Ева, со една женска душа или, за подобро да ме разбереш, со една жена. Него, јас, по својата извежбана должност, ти го пратив, да ја сети пофалбата на казната, по слугата на твојата слатка милост, Антонио Акмак, човек почитуван, познат, ценет и угледен.

Акмак

По мене, ако немате ништо против. Јас сум Антонио Акмак.

Кралот

Што се однесува до Жакенета - така се именува онаа послаба тиква што ја вчопив со горе споменатиот деген, ја држам како тиква за гневот на твојот закон; и на најмал твој сладок миг, ќе ја одведам на сослушување. Со сите изрази на најдлабока почит и на верност кон должноста која в срце ми гори како распламтен оган, твој Дон Адриано де Армадо.

Бирон

Не е баш она што го очекував ама е најдоброто што досега сум го чул.

Кралот

Да, најдоброто од најлошото. Но, што велиш ти на ова, момче?

Торлак

Ја признавам женската, господару.

Кралот

Дали слушна за прогласот?

Торлак

Признавам дека многу слушнав, господару, ама малку запаметив.

Кралот

Беше објавено дека следи година затвор за оној што ќе го фатат со женска.

Торлак

Јас не бев фатен со таква, господару: бев фатен со девојка.

Кралот

Па објавено е и со девојка.

Торлак

Ама оваа не беше ни девојка, господару; беше девица.

Кралот

И така таму е речено, зашто стоеше и девица.

Торлак

Ако стоело тогаш ја порекнувам нејзината девственост. Ме фатија со слугинка.

Кралот

Нема да се послужиш со оваа слугинка, господине.

Торлак

Ќе се послужам одлично, господару.

Кралот

Господине, сега слушни ја казната: има да постиш недела дена и да бидеш само на трици и вода.

Торлак

Поарно да бидам месец дена на женско месо и овес.

Кралот

А Дон Армадо ќе ти биде чувар.
Вие Бирон, погрижете се да го казнат.
Ние пак, господа, да го работиме строго
она на кое толку цврсто се заветивме.
(Излегуваат Кралот, Лонгавил и Диман.)

Бирон

Главата ја давам ако заветиве тешки
и законов на крајот не испаднат мајтап.
Мрдни, момче.

Торлак

Трпам заради вистината, господине; оти вистина е дека ме фатија со Жакенета а Жакенета е вистински чесна мома; затоа велам добредојде на горкиот пехар на напредилакот! Еден ден може пак ќе ми се насмее маката; а дотогаш, таго моја, седи мадро!

Сцена 2

(Влеѓуваат Армадо и Молец.)

Армадо

Момче, што мислиш, што може да значи кога човек со голем дух го наваса тага?

Молец

Тоа е сигурен знак, господине, дека ќе биде потиштен.

Армадо

Глупости. Тагата е една и не можеш да ја делиш туку-така, море апаш.

Молец

Грешите, господару, господине, не сте во право.

Армадо

Како можеш да ја одделиш тагата од потиштеноста, пиле мое недоквакано?

Молец

Со прост приказ на нивното дејство, прчу мој жилав.

Армадо

Јас прч жилав? Јас?

Молец

Тис. Ами јас пиле недоквакано?

Армадо

Те нарековпиле недоквакано оти ептем ти личи на твоите млади години, а младите години, ќе се сложиш, се мошне недоквакани.

Молец

А јас ве нарековпрч жилав оти ептем ви личи на вашите поодминати години а како за човек во поодминати години, ќе се сложите, мошне сте жилави.

Армадо

Таман и на место.

Молец

Што сакате да кажете, господару? Јас сум таман, а зборот не ми е на место, или зборот ми е таман, а јас не сум на место?

Армадо

Ти си таман оти си мал.

Молец

Малку таман, оти мал. А зошто на место?

Армадо

А на место оти ти текнува.

Молец

Да не ми удирате четки, господару?

Армадо

Не. Заслужено те фалам.

Молец

Така се фалат магаријата.

Армадо

Сакаш да кажеш дека магарето има ум?

Молец

Не. Туку дека има текнувало.

Армадо

Сакам да кажам дека ти имаш текнувало: ме вадиш од памет.

Молец

Само кога ме влечат за јазик, господару.

Армадо

Не сакам некој да си игра мајтап со мене.

Молец

(За себе) Сака да каже мајтапот не сака да си игра со него.

Армадо

Ветив да учам три години со војводата.

Молец

Зошто, господине, три години кога може сé за еден час.

Армадо

Невозможно.

Молец

Колку се трипати по еден?

Армадо

Нешто слабо ми оди сметањето. А и не сум крчмар да му се сневиди.

Молец

Ама сте благородник и комарџија, господине.

Армадо

Признавам, сум. Ама без таков шлиф, не си човек.

Молец

Тогаш сигурно знаете колкав е збирот од двојка и кец.

Армадо

Збирот е еден повеќе од два.

Молец

Или, како што велат простаците, три.

Армадо

Баш така.

Молец

Ете, гледате, господине. Беше тешко? Научивте колку е три, а не стигнавте ни трипати да трепнете. А колку е лесно на зборот три да му се залепи зборот години, па три години учење да имате во два збора, тоа и врапчињата го знаат.

Армадо

Добро го кажа ова.

Молец

И докажав дека сте нула.

Армадо

Само сакав да ти кажам дека сум вљубен во една; но бидејќи е простаклук еден војник да биде заљубен, за инает се зацапав во една обична простачка. Ако со меч ги убијам мушичките на страста и се ослободам од грешната мисла, радо, ко затвореничка, би ја разменил похотата за некоја нова љубовна мајсторија со некој француски мангуп. Мразам воздишки; ми се чини, со нив го валкам Купидона. Дај ми надеж, момче. Кажи, кои големи луѓе на светот биле заљубени?

Молец

Херкул, господару.

Армадо

Славниот Херкул? Реди уште јунаци, момче, реди, нека јазикот ти се позлати, ама гледај да се одбрани, да имаат тежина.

Молец

Еве, Самсон, господару; тој беше човек со тежина, носеше тежина; еднаш дури, како амал, на врат ги истегли градските порти; а беше заљубен.

Армадо

О, Самсоне стаменит! О, грамаден Самсоне! Во мечувањето ми си рамен колку што сум ти јас во носењето порти. И јас сум заљубен. А во што беше заљубен Самсон, а, Молче?

Молец

Во една жена, господару.

Армадо

Со каква боја на лице?

Молец

Од сите четири, или од три, или од две, или една од четирите.

Армадо

Кажи ја точно бојата.

Молец

Морско-зелена, господине.

Армадо

Дали е една од четирите?

Молец

Колку што знам да читам, господине, да: а и најдобра е од сите. Самсон немал некоја посебна причина да се залета по жена со таква боја. Мора да била умна.

Молец

Сигурно, господине; била зелена во умот.

Армадо

Мојата сакана е од бела побела.

Молец

Под белината намерите се од црни поцрни.

Армадо

Кажи зошто, штом ми се правиш толку учен.

Молец

Дојдете ми на помош уму татков, јазику мајчин.

Армадо

Ама најде кого да викаш: ем шуто ем боде.

Молец

Ако од бела побела е таа
не ќе знаеш кога е грешна,
кога греши, црвенее сета
кога се плаши е бледо смешна;
вака, не ќе дознаеш, јаден
кога се плаши кога се срами,
зашто вечно на лице ќе ја има
природната боја што те мами.
Опасна песничка, господару, не оди баш во прилог на она ваше од бела побела.

Армадо

Слушај, момче, немаш некоја балада за цар и питачка?

Молец

Светот уште од пред три века носи на душа една таква балада: ама сигурен сум, сега нешто слично тешко се наоѓа; и да се најде не вреди ни да се запише а камоли да се пее.

Армадо

Баш би сакал повторно да се склепа нешто слично за да видат луѓето дека и пред мене имало некој ваков. Момче, навистина се зацапав во онаа селанка што ја фатив в грмушка со она животно Торлак. Ептен заслужува.

Молец

(За себе) Барем сто камшици и да ја сака некој сепак поарен од господаров.

Армадо

Пеј, момче, тешка севда ми лежи на душа.

Молец

Тешка е севдата кога се љуби лесна жена.

Армадо

Пеј, ти реков!

Молец

Стрпете се да поминат пијаниците.
(Влегуваат Акмак, Торлак и Жакенета.)

Акмак

Господине, желба на војводата е да го држите Торлаков на око; не смеете, вели војводата, да го оставате да гнете и да аздисува; три дена во неделата мора да пости. А госпојцава ја водам кај војската. Треба да помага нешто. Збогум.

Армадо

Црвенилово ме издава. Слушај девојко!

Жакенета

Слушам, машко!

Армадо

Ќе навратам кај што ќе бидеш!

Жакенета

Тука сум блиску.

Армадо

Знам каде си.

Жакенета

Ама сте бистер.

Армадо

Ќе ти изнакажам чуда.

Жакенета

Со таков сурат?

Армадо

Те сакам.

Жакенета

Здравје.

Армадо

Оди со здравје.

Жакенета

Здравје да имаш.

Акмак

Ајде Жакенета, мрдни.
(Излегуваат Акмак и Жакенета.)

Армадо

Гаду, добро ќе се испостиш пред да ти се прости.

Торлак

Се надевам, господару, не ќе постам со празен стомак.

Армадо

Ќе бидеш дебело казнет.

Торлак

Ќе ви бидам должен повеќе од вашите луѓе кои се слабо платени.

Армадо

Тргај ми го гадов од пред очи; затвори го.

Молец

Тргнувај, престапнику, напред марш!

Торлак

Не ме затворајте, господару; можам да постам а да немам затвор.

Молец

Не, господине; само кога мрсиш немаш затвор. Затоа одиш в затвор.[1]

Торлак

Добро. Ама кога пак ќе ги видам веселите дни на очајот некои ќе видат.

Молец

Што ќе видат? Кажи!

Торлак

Ништо, ништо, господине. Само она што им е пред носот. Не му личи на затвореник толку да зборува. Поарно да не отворам уста. Му благодарам на господа што ме научи да трпам, затоа и трпам.
(Излегуваат Молец и Торлак.)

Армадо

Го љубам и тлото гнасно по кое гази со чевлињата погнасни и ноќињата најгнасни. Ако љубам, ќе ја прекршам заклетвата, ако ја прекршам заклетвата значи сум подлец. А дали љубовта е вистинска ако е зачната во подлост? Се знае што е љубовта. Љубовта е ѓавол. Не постојат ангели што се лоши дуси. Само љубовта е лош дух. И Самсон бил вака искушуван, ама тој бил многу силен: и Соломон, ама тој бил еѓтен умен. Ако можеше Купидон со стрелата да го скрши боздоганот на Херкул тогаш какви ми се мене шансите со овој обичен шпански меч? Не можеш да го погодиш ни в грб ни в гради а камоли в срце. Кај него правила нема: срамно е од него што се нарекува дете а славата ја стекнува победувајќи мажи. Збогум оружје! Ѓосувај мечу! Молкнете барабани зашто тој што ве слушаше сега е вљубен, да – тој љуби. Викнете ми на помош некоја небесна муза оти мора да станам поет. Мисли уму, перо пишувај, ми требаат собрани дела!

Бојет

Сега, мадам, покажете ја сета умност своја
сетете се кого кралот, вашиот татко го праќа
и кај кого и која е целта на неговата мисија.
Вас ве праќа, високо ценета во светот
да преговарате со единствениот газда
на сите совршености што човек може да ги има,
неспоредливиот Навара; со барање тешко
за Аквитанија, прикe достојно за кралица.
Бидете сега штедри во своите чари
ко природата што беше во создавањето чари
кога сиот свет го остави скуден
за штедро сите вам да ви ги даде.

Принцезата

На мојата убавина, Бојет, иако мала,
не ѝ е потребно кинџурењето од вашите фалби
убавината се купува со проценката на окото
а не со викање по тезгите на оној што ја нуди.
Помалку се гордеам што ја фалите мојата вредност
одошто вам ви е важно да ве сметаат за мудар
додека умот го трошите во фалби за мене.
А сега да го искушаме искушителот: добар Бојет,
сигурно сте чуле за гласот што се шири
и надалеку syни дека Навара дал завет
дури три години не поминат во учење тешко
ниедна жена не смее да му дојде во дворот скровит:
затоа, ми се чини, нуждата ваква бара
пред да минеме низ забранетите порти
да знаеме што мисли; и во тоа име
свесни за вашата вредност, ве избравме вас
како наш највешт и најпогоден застапник.
Кажете му дека ќерката на кралот француски
дојдена е по сериозна работа што не трпи бавност
па сака лично да разговара со неговата висост.
Нека побрза, толку кажете му; а ние ќе ја сочекаме овде
ко молители со темни лица, волјата на кралот.

Бојет

Горд на задачата, со волја јас одам ваква.

Принцезата

Секоја гордост е волна гордост; и вашата е таква.
(Излегува Бојет.)
Кои се заветниците, велможи мои мили
што со војводата честит дадоа ист завет?

Првиот велможа

Витезот Лонгавил е еден.

Принцезата

Го знаете човеков?

Марија

Го знам, мадам: на свадбената гозба
кога лордот Перигор се женеше со наследничката лична
на Жак Фолконбриџ, и славеше штедро
во Нормандија, овој Лонгавил го видов:
тој е човек обдарен и на висока цена,
зналец на уметноста, велелепен воин;
на што ќе се нафати, го извршува до крај,
единствена дамка врз сјајот на неговата доблест
ако сјајот на доблеста со дамки може да се валка
е здруженоста кај него на остар дух и плаха волја;
со умот остер сечи, со волјата никого не штеди
што во кругот на неговата моќ ќе се најде.

Принцезата

Весел господин што за подбив го бива, нели?

Марија

Чин ВТОРИ

Сцена 1

(Влегуваат Принцезата од Франција, Марија, Катарина, Розалина, Бојет, Велможи и друга придружба.)

Гласот од најблиските баш така за него вели.

Принцезата

Досетките брзи брзо згорчуваат ко пелин.
Кои се другите?

Катарина

Младиот Димен, речиси совршен млад човек,
заради доблеста сакан од сите доблеста што ја љубат:
со моќ силна за големо зло, најмалку за зло знае,
зашто дух има најгрдиот лик да го стори убав
а лик кој и без дух, убавина би имал.
Еднаш го видов кај војводата Алансон
и она што го реков за доброто што го видов
е само трошка од неговата безмерна вредност.

Розалина

Уште еден од овие студенти во тоа време
таму со него беше, ако сетилата не ме лажат
по име Бирон; со повесел човек
којшто во веселоста и шегата знае за мерка
никогаш не сум помуабетила во својот живот.
Окото прилики му бара за духот бистер,
зашто сé она што ќе го дофати ова
бистрината го претвора во досетлива шега,
која јазикот негов убав (толкувач на секоја смисла)
во толку прикладни и бистри зборови ја реди
што и старците работата ја баталат да го чујат
а пак младите, велам, маѓепсани се сосем,
толку течен и сладок му е говорот.

Принцезата

Господе боже, што им е на дамиве? Зарем сите
се заљубиле па секоја го кити својот пулен
со вакви украси на фалбата?

Првиот велможа

Се враќа Бојет.
(Влегува Бојет.)

Принцезата

И што вели, ќе нé прими?

Бојет

Навара веќе знае за вашето доаѓање светло;
па тој и другарите негови во оној завет
беа спремни за дочекот, благородна дамо,
уште пред да дојдам. За жал само малку слушнав;
тој мисли да ве смести во полето тука,
ко некој што дошол да му го опседне дворот
зашто не сака да го прекрши дадениот завет
пуштајќи ве внатре во неподготвената куќа.
Но еве иде кралот лично.
(Влегуваат Кралот, Лонгавил, Димен, Бирон со придружба.)

Кралот

Принцезо лична, Наварскиот двор со добредојде ве прима.

Принцезата

Ова лична можете да си го земете назад; а од добредојдето
уште немам ништо: покривот на вашиот дворец е превисок
за да биде ваш а добредојдето во широкото поле прениско
за да биде мое.

Кралот

Ќе бидете добредојдена, мадам, на мојот двор.

Принцезата

Тогаш - да, ќе бидам добредојдена. Водете ме таму.

Кралот

Слушнете ме, госпоѓо мила; врзан сум со завет.

Принцезата

Дева Марија нека ви е на помош! Ќе се одврзете.

Кралот

Ни за жива глава, госпоѓо лична, по моја волја.

Принцезата

Волјата само волја ја згазнува и ништо друго.

Кралот

Вашето господство не знае што е тоа.

Принцезата

И со вас да е така, незнаењето би ви било мудро,
но сега мора невештост знаењето да ви глуми.
Чув дека од гостопримството сте се откажале со завет
смртен грев е заклетвата ваква да се држи
а грев да се прекрши.
Но простете, пренаглито сум дрска,
не ми личи мене учителот да го учам.
Бидете добри и прочитајте зошто сум овде
и веднаш решете околу барањето мое.

Кралот

Секако госпоѓо, ако навистина можам.

Принцезата

Можете оти за моето заминување срцето ви чука
и ќе ја прекршете заклетвата ако ме задржите тука.

Бирон

Зарем со вас не танцував еднаш во Брабант?

Розалина

Зарем со вас не танцував еднаш во Брабант?

Бирон

Точно, танцувавте.

Розалина

Зошто тогаш се мачевте да ме прашате?

Бирон

Зарем морате веднаш во галоп?

Розалина

Вие сте тој што ме мамузи со прашања

такви.

Бирон

Итри сте но јурите нагло, бргу ќе сетите замор.

Розалина

Не дури јавачот не го фрлам во калта.

Бирон

А кога тоа ќе се случи?

Розалина

Само шутрак со вакво прашање каска.

Бирон

Убаво ви стои ваквата маска.

Розалина

Поубаво е под неа лицето на дева.

Бирон

И љубовници да ви намами прс и плева.

Розалина

Амин, дај господе вас да не ве водам..

Бирон

Сигурно, зашто пред тоа ќе си одам.

Кралот

Госпоѓо, вашиот татко спомнува тука
исплата од сто илјади круни;
Што е само половина сума од целиот износ
што татко ми го даде за неговите војни.
Но да речеме дека тој или јас, што не е точно,
сме ја примиле таа сума, неплатени остануваат сепак
сто илјади уште; поради што ко залог
сме задржале дел еден од Аквитанија
иако тој дел вредност толкава нема.
Па ако кралот, вашиот татко, ни ја плати
таа половина свота што ни ја должи
спремни сме да се откажеме од Аквитанија
и да одржуваме добри односи со него.
Но тој, се чини, таква намера нема,
бидејќи еве овде бара надополна чиста
од цели сто илјади круни; а не бара
со плаќањето на сто илјади круни
да ја поврати за себе власта во Аквитанија
од која ние радо би се откажале сосем
за парите што на заем ви ги дал мојот татко
отколку да држиме толку посна и неплодна земја.
Принцезо мила, да не беа неговите барања толку
неразумно тврди, вашата убава става
неразумно ќе го смекнеше тврдото ми срце
и задоволни ќе се вратевте назад во Франција.

Принцезата

Го навредувате премногу кралот, мојот татко
а го навредувате и престижот на сопственото име
со тоа што неуверливо го одрекувате приемот
на она што најчесно платено било.

Кралот

Ви се колнам дека за не сум чул за такво нешто
а ако докажете целиот износ ќе го вратам
или Аквитанија ќе ви ја отстапам.

Принцезата

Ве држам за збор:
Бојет, покажете ги признаниците
на тој износ издадени од службените лица
на Шарл, неговиот татко.

Кралот

Сакам да ги видам.

Бојет

Простете, величество, врзопот не е уште стигнат
во кој се признаниците со други документи:
утре сите ќе ги имате на увид.

Кралот

Задоволен сум: на таа средба утре
кон правдата ќе се приклонам и доблеста на умот.
Во меѓувреме, прими добредојде од мојата рака
какво што честа без оскврнетост на честа
на вашата доблест може да ѝ ја пружи.
не ќе можите, принцезо лична, низ портите мои
но овде под ведро небо ќе ве примат исто
ко да сте се сместиле во моето срце
иако со тоа сте лишени од престојот в куќи.
Со мисли добронамерни простете ми и збогум:
утре повторно ќе ве посетиме ние.

Принцезата

Добро здравје и убави желби нека ве пратат.

Кралот

Кај да бидете, истите желби нека ве сјатат.
(Излегува кралот со придружбата.)

Бирон

Госпоѓо, од вас ќе го поздравам срцето мое.

Розалина

Поздравете го, ве молам; баш би сакала да го видам.

Бирон

Би сакал да го чуете како грофта.

Розалина

Да не е лудото болно?

Бирон

Болно од внатре ме пече.

Розалина

Пуштете малку крв да тече.

Бирон

Мислите така болот се лече?

Розалина

Тој што знае така вели божем.

Бирон

А да го боцнете со око, може?

Розалина

Тапо е – затоа имам ноже.

Бирон

Бог нека ве варди ко алем!

Розалина

А вас да не станете Метузалем!

Бирон

Штета, ми врви времето ко на калем.
(Бирон се повлекува.)

Димен

Ве молам господине, еден збор; која е онаа дама?

Бојет

Катерина, господине, на кнезот Аленсон наследничка сама.

Димен

Прекрасна дама, господине, збогум.
(Излегува Димен.)

Лонгавил

Само малку, ве молам; што е онаа во бело?

Бојет

Жена понекогаш што денски болска под велот.

Лонгавил

Денски лесна можеби. Името ѝ го барам мило.

Бојет

Само едно има; да ѝ го бараш срамно би било.

Лонгавил

Ве молам, господине, чија е ќерка?

Бојет

На мајка си колку и да ја крадат!

Лонгавил

Бог да ја варди вашата брада!

Бојет

Не лутете се, господине така ми дојде,
Наследничка е таа на Фалконбриџ.

Лонгавил

Лутината веднаш ми прође.
Таа е навистина момиче златно.

Бојет

Можеби и е, господине; најверојатно.
(Излегува Лонгавил.)

Бирон

Со шапката која е госпоѓицата фина?

Бојет

А таа? Тоа е Розалина.

Бирон

Да не е мажена или нешто така?

Бојет

Со својот нарав, гоасподине, на своја рака.

Бирон

О добредојде, господине. Збогум сега.

Бојет

Добредојде за вас, господине. Јас ќе бегам.
(Излегува Бирон.)

Марија

Овој последниов е Бирон, најшармантниот на дворот:
Секој збор му е шега.

Бојет

А шегата му приличи на зборот!

Принцезата

Добро е што убаво му влеговте во зборот.

Бојет

Јас нему српот тој мене сорот.

Катерина

Две диви овци, велам!

Бојет

А зошто не морепловци?
Не овци, рудо јагне туку на усни пасени ловци.

Катерина

Бидете овца, а јас пасиште, дали е ова доста?

Бојет

Значи пасиштето ми го нудите мене.

Катерина

Вие веќе го обравте својот бостан,
усните не ги раздавам, па макар светот фатил џенем.

Бојет

Значи ги чувате, но за кого?

Катерина

За среќата на срцево и за мене.

Принцезата

На духовитоста ѝ нема крај; но, луѓе, друго е време:
помислете, колкав би бил ќарот олку духовити волци
да се нафрлеа на кралот и неговите книшки молци?

Бојет

Ако сетилата не ме лажат, а многу ретко се случува ова
во очите на кралот и занесеноста нова
на срцето видов дека чудни чувства му растат.

Принцезата

Какви?

Бојет

Ние љубовџиите би рекле заробеник е на страста.

Принцезата

Објаснете!

Бојет

Сета моќ на изразот му се собрала таму
во дворот на окото и низ похота sиркаше ваму;
срцето, ко ахат, со ликот ваш снимен и врежан
гордо на ова, горделива низ око пушташе мрежа;
јазикот негов, нестрплив да говори а не да гледа бесен
потфаќаше во брзината сé в зеници да внесе;
сите сетила кон ова сетило јурнаа во трк итен
само за да ѝ се нагледа на најубавата од сите;
сетилата, чинам, заробени му беа во очите крупни
ко алеми во билјур за некој принц да го купи.
кои, нудејќи ја својата вредност од рамот стаклен
намамуваат да ги купиш минувајќи патем.
На лице восхит му реше по вашите чари
и сите видоа како маѓепсан во вас се џари.
Аквитанија ви ја давам и сé по што тој е вреден
ако заради мене бакнеж му дадете еден.

Принцезата

Одиме в павилјон; Бојет во соништа дрочи.

Бојет

Да го кажам со зборови она што му го видов в очи
само окото му го претворив во уста
додавајќи му и јазик што знам не си игра со чувства.

Марија

Подводаџија е голем а и вештина има пуста.

Катерина

Дедо му е на Купидон и од него новости молзел.

Розалина

Тогаш Венера е ко мајка ѝ зашто татко ѝ е грозен.

Бојет

Имате уши, море девојки луди?

Марија

Не.

Бојет

А очи море моми?

Марија

За патот свој – да.

Бојет

Тешко некој лесно да ве здоми.
(Излегуваат.)

Армадо

Гугај, дете: со страст наточи ми го сетилото за слух.

Молец

(Пее). Конколинел.

Армадо

Сјајно, сјајно! Оди, фиданко моја млада, земи го клучов, извади го од зандана оној кицош, доведи го овде како знаеш и умееш, ќе ми треба за писмото до мојата сакана.

Молец

Господару, зарем со француска пиперевка ќе ја освојувате саканата?

Армадо

Што сакаш да кажеш? Да правиме џумбус по француски?

Молец

Не, господару мој светски, туку да ви се лизга песната низ врвот од јазикот, да потскокнувате притоа на стапалата, да ѝ давате живост со кокорење на очите, една нота низ воздишка друга преку гласот да се чуе, понекогаш низ грло небаре љубовта ја голтате пеејќи за неа, понекогаш на нос, небаре ја душкате љубовта мирисајќи љубов; со шапката накривена ко стреа преку кепенецот на вашите очи; со рацете прекрстени на рамниот дублет ко зајак на ражен; или пикнати в џеб ко луѓето на старите портрети; и да не должите многу со една арија туку да чепнете малку и да продолжите понатаму. Тоа се мајстории, тоа се вештини, тоа пали кај финитe девојки кои се палат и без ова; а познати се (препознавате, не?) оние кои најмногу до ова се придржуваат.

Армадо

Како го купи ова искуство?

Молец

Евтино. Со гледање.

Армадо

Ама о, ама о, -

Молец

Дрвеното коњче е заборавенооо.

Армадо

Љубовта ми ја нарекуваш дрвено коњче?

Молец

Не, господару, дрвеното коњче е само ждребе а вашата љубов можеби јавна кобила *(на страна)*. Но зарем заборавивте на вашата љубов?

Армадо

Па, речиси.

Молец

Немарен ученику! Научете ја на памет.

Армадо

На памет и од памет, момче.

Молец

И вон памет, господару: сите три ќе ги докажам.

Армадо

Што ќе докажеш?

Молец

Чин ТРЕТИ

Сцена 1

(Влегуваат Армадо и Молец.)

Дека сум човек, ако поживеам; а овие на памет, од памет и вон памет, веднаш. На памет ја сакате, зашто паметта ви е далеку од неа; од памет ја сакате зашто од паметта љубовта кон неа ви извира и вон памет ја сакате зашто не можете да се насладувате со неа.

Армадо

Сите овие три работи сум јас.

Молец

И уште три други а сепак сте ништо.

Армадо

Оди и доведи го оној кицош. Треба да ми однесе едно писмо.

Молец

Соодветно, нема што. Да се назначи коњ за пратеник на магаре.

Армадо

Што?Што? Што велиШ?

Молец

Велам господару, да го пратите магарето на коњот зашто е многу тром. Но одам.

Армадо

Немаш многу за одење; тргнувај!

Молец

Ќе брзам како олово, господару.

Армадо

Што сакаш да кажеш, генијалче едно недоквакано?
Зарем оловото не е метал тежок, тап и тром?

Молец

Мисли, или во превод господару, ни случајно.

Армадо

Велам оловото е тромо.

Молец

Пребрзи сте, господару, не велете така;
тромо ли е оловото испалено од топ?

Армадо

О сладок чаду на говорништвото!
Ме смета за топ а себе си за ѓуле.
Има да те испалам до кицошот.

Молец

Пали тогаш и да ме нема.
(Излегува.)

Армадо

Мангуп еден итер; брзоумен, од доблест лишен
Допушти ми, небо слатко, в лице да ти дишам,
Храброста ме напушта, тагата сурова ми е нишан!
Гласникот мој се враќа!
(Се враќа Молец со Торлак.)

Молец

Чудо, господару! Торлаков ептен ја утна.

Армадо

Што блаботиш во загатки? Не видов клучот да го тутна.

Торлак

Ни затки, ни патки, ни клуч; господару, рајска смоква,
обична рајска смоква дајте ми! ни клуч,
ни патка, ни затка ми треба! Само рајска смоква!

Армадо

Жими доблеста, ти тераш на смеа; а твојата глупа
мисла ме штрека под лажичка; и така градите
ми дишат смешна смеа: Простете ми sвезди!
Зарем шутраков смета дека клучот е мелем
а зборот мелем клуч?

Молец

А зарем умниов мисли поинаку? Зарем не е клучот мелем?

Армадо

Не е, пажу. Туку додаток што дополнува
и претходните празнини ги пополнува.
Како на пример:
лисицата, мајмунот и смерната пчела
Можат ли да се спарат а се тројка цела?
Ова е задачата; кажи го ти клучот.

Молец

Ќе го додадам клучот. Повторете уште еднаш.

Армадо

Лисицата, мајмунот и смерната пчела
можат ли да се спарат а се тројка цела?

Молец

Дотрча гуската, од вратата кима
па сега се парни, четворица ги има.
А сега јас ќе ја поставам задачата а вие
клучот мој додајте го.
Лисицата, мајмунот и смерната пчела
можат ли да се спарат а се тројка цела?

Армадо

Дотрча гуската, од вратата кима
па сега се парни, четворица ги има.

Молец

Добар клуч, завршува со гуска: што сакате повеќе?

Торлак

Мангупот во пазарот му утрапи гуска и тоа расна
господине, добар пазар а гуската масна.
За добар пазар вештина треба и итрина красна
па да видам; клучот е масен па да и гуската е масна.

Армадо

Добро, добро, доста. Како расправава ми ја бутна?

Молец

Ви реков дека Торлак ептен ја утна.
А вие наваливте со клучот.

Торлак

Така е, а јас со рајската смоква: па вие со причините
почнавте па дојде дебелиот клуч на мангупов,
односно гуската што сте ја купиле па завршил пазарот.

Армадо

Ама кажете ми: како се случи Торлаков да ја утне?

Молец

Ќе ви кажам со чувство.

Торлак

Слушај Молец, ти немаш чувство: јас ќе го кажам клучот.
Јас, Торлак, на излегување, а убаво бев внатре бутнат
се сопнав од прагот и работата ја утнав.

Армадо

Од ова, навистина, веќе ми е преку глава.

Торлак

Дури ова не се претвори во друга утка.

Армадо

Момче мое Торлак, слобода ќе ти дадам.

Торлак

О! Ќе ме ожените со некоја Слободанка – ми смрди тука на некој клуч, на некоја гуска.

Армадо

Жими душава мила, сакам да кажам дека ќе те ослободам, личноста твоја ќе ја спасам од пранги, ти беше фрлен в зандана, ограничен, заробен, затворен.

Торлак

Така е, така е а сега вие ќе ме прочистите и ќе ме ослободите.

Армадо

Ти давам слобода, ти ја скусувам казната;
а за возврат не барам ништо од тебе освен да ѝ го однесеш писмово на селанката Жакенета. Еве ти ремунерација; зашто најдобра заштита за мојата чест е наградување на потчинетите. Молец, по мене.
(Излегува.)

Молец

Баш како продолжеток. Збогум, господине Торлак.

Торлак

Мила моја фунто човечко месо, мила, мила, миличка!
(Излегува Молец.)
Да му ја видам малку ремунерацијата. Ремунерација! Па тоа е латински збор за мангарка од пет пари; пет пари, ремунерација. ‘Колку чини врвцава?’ ‘Ич пари’; ‘Не, ќе ви дадам цела ремунерација’, повеќе, здравје. Ремунерација! Зборов ми е поубав од француската круна. Од сега натаму целиот алашвериш ќе го викам вака.
(Влегува Бирон.)

Бирон

Баш во право време, Торлак! Ко нарачан ми дојде.

Торлак

Ве молам, господине, колку гајтан со боја на месо може да се купи за една ремунерација?

Бирон

Што е ремунерација?

Торлак

Мангарка од пет пари, господине.

Бирон

Е па тогаш, свилен гајтан за пет пари.

Торлак

Ви благодарам. Бог да ве варди и чува!

Бирон

Чекај малку! Треба нешто за мене да сториш.
Ако сакаш благодарен да ти бидам
една работа заврши ми за која те молам.

Торлак

А за кога ви треба, господине?

Бирон

За попладнево.

Торлак

Сметајте дека е завршена, господине.
Збогум.

Бирон

Ама не ни знаеш што е.

Торлак

Ќе знам, господине кога ќе ја завршам.

Бирон

Види го муфљуз, првин треба да ја знаеш.

Торлак

Ќе дојдам кај вас утре сабајле.

Бирон

Мора да се заврши попладнево. Слушај, момче,
се работи за ова:
принцезата доаѓа на лов овде во парков,
а во свитата најзина има една фина дама;
кајшто се говори слатко, нејзиното име
се споменува а ја викаат Розалина: прашај за неа
и гледај во нејзините бели раце да ја ставиш
запечатенава порака. Еве ти бакшиш: оди.

Торлак

Бакшиш, о сладок бакшиш! Подобар од ремунерација; за шест парички подобар.
Најсладок бакшиш! Одам господине, летам.
Бакшиш! Ремунерација!
(Излегува.)

Бирон

О! А јас зацапан до уши! Јас што за љубовта бев камшик!
Терач безмилосен на воздишките луди!
Лајач, не, поправо дежурен џандар
вадидуша ситничарска кон оној копиљ
што меѓу смртните е најкренат, најгорд.
Кон овој копиљ со врзани очи, кон овој плачко,
слепчо, тврдоглавко, старомало,
кон овој џин-џуџе, кон донот Купидон.
Тој владар на стиховите љубовни, господар на прекрстени раце,
миропомазан суверен на воздишките и плачот,
властодржец на сите лешпери и бунџии,
кнез страшен на сукњите, крал на учкурите,
самодржец и врховен генерал
на прељуболовците. О срценце мое мало!

Зарем јас да бидам бајрактар во бојот негов
и знамето да му го носам ко смешен циркузант? Но јас… Јас љубам, молам, посакувам жена!
Жена што на германски часовник личи,
којшто поправан стално, постојано нешто му фали,
и никогаш не работи како што треба, чука
ама треба да се потчукнува за да работи право!
А и заклетвата ја кршам, што е најстрашно од сé;
и меѓу трите, најлошата јас ја љубам;
бледоликата пожелница со кадифест образ
и со две дупчиња на лице место очи;
па и земјата да се преврти, таа чинот ќе го сврши
па макар Аргус да ѝ е евнух и будна стража;
и уште да воздивнувам по неа! Да ја вардам!
За неа да се молам! Види сега; тоа е чума
со која Купидон ќе ме сотре што бев намќор
кон неговата моќна и страшна сила. Но ќе сакам,
ќе пишувам, ќе воздивнувам, ќе молам, ќе плачам.
Љубовта доаѓа и никогаш од неа не е доста
Некој добива господарка, некој жена проста.
(Излегува.)

Принцезата

Беше ли она кралот што силно го бодињаше коњот
по угорницата стрмна на ридот?

Шумарот

Не знам; ама мислам дека не беше тој.

Принцезата

Кој и да беше покажа стремеж на духот.
Па, господа, работата ќе ја свршиме денес;
во сабота се враќаме во Франција.
Значи, шумару, пријателе, каде е џбунот
што ни е пусија од која убијци ќе глумиме?

Шумарот

Онде, на работ од оној честак;
пусија која најубава можност нуди.

Принцезата

Благодарение на убавината моја, убав ловец и ќе ме лови. Затоа велиш најубава можност нуди.

Шумарот

Простете, госпоѓо, ама не мислев така.

Принцезата

Што?Што? Првин ме фалиш па одрекуваш онака?
О кусовечна гордост! Сé за вас е шака!

Шумарот

Не е, убава сте.

Принцезата

Немој, не мачкај ми в срце жалба
ако е неубаво, лицето не се разубавува со фалба.
Еве ти, огледалце мое добро, земи за чесноста твоја
убава награда за грд збор е надлежност моја.

Шумарот

Само убавина личноста ваша ја краси.

Принцезата

Ете, ете! Широкоградоста убавината ќе ми ја спаси.
О колку личи тој ерес во убавината за ова време!
Широката рака, иако грешна, од фалено е племе.
Но дајте ми стрела: милоста ќе убива сега,
погоди ли добро, за зло ќе се смета,
така мојот углед ко стрелец ќе го цени секој,
Промашам ли, ќе речат срце има меко,
погодам ли, само ќе покажам колку сум вешта
што од суета убила а не од лоша мечта.
А понекогаш, тука не се во прашање грешки,
поривот суетен е виновен за злостори тешки,
кога, поради слава, заслуги, надворешни моќи,
го правиме она за кое душата ни дени, ноќи,
ко јас што сега за чиста фалба сум пошла еленот да го убијам без да му мислам лошо.

Бојет

Дали итрите жени за самовласт се борат
чисто за пофалба, кога во порив горат
над мажот да владеат?

Принцезата

Чисто за пофалба; и треба силно да се слави
секоја жена што мажот под папуча ќе го стави.
(Влегува Торлак.)

Бојет

Еве еден од членовите на таа квази-држава.

Торлак

Чин ЧЕТВРТИ

Сцена 1

(Влегуваат Принцезата, Марија, Катарина, Розалина, Бојет, Велможи, Придружници и еден Шумар.)

Добровечер на сите! Ве молам, која е овде глава
Дамите?

Принцезата

Ќе ја препознаеш, брате, по другите кои се без глава.

Торлак

Која е најголема госпоѓа, највисока?

Принцезата

Најдебелата и најиздолжената.

Торлак

Најдебелата и најиздолжената! Значи така; гледај па суди. Половината, госпоѓо, да ви е тенка ко што ми е умов, еден од појасите на девојкиве ќе ви стои ко за вас да е скроен. Зарем вие не сте главната? Вие ми сте најдебела.

Принцезата

Што сакате, господине? Што сакате?

Торлак

Носам писмо од господинот Бирон за некоја си госпоѓа Розалина.

Принцезата

О! дајте го, дајте го; тој ми е добар пријател. Застани овде, доносителу добар. Бојет, ти кини;
стручњак си за вратови.

Бојет

Должен сум да служам.
Но писмово е грешка; никому овде не е наменето.
На пликот стои до Жакенета.

Принцезата

Море има да се чита
во уши нека се претвори сета свита.

Бојет.

(Чита) Жими небото, дека си убава, повеќе е е од точно; вистина е дека си прекрасна; само чиста вистина е дека си лична. Подивна и од самовила, поубава од најубавата, поискрена од искреноста, имај милост за твојот јуначки поданик! Широкоградиот и безмерно славен крал Кофетуа фрли око на злобникавата и стопостотна питачка Зенелофона, и тој со право можеше да каже вени, види, вици; кое преведено на прост јазик (О беден и затутулен прост јазик) би било виделицет или тој дојде, виде и победи: значи прво дојде, потоа виде и на крајот победи. Кој дојде? Кралот: зошто дојде? Да види: зошто виде? За да победи. Кај кого дојде? Кај питачката: што виде? Питачката: кого го победи? Питачката. Заклучокот е победа: кој победи? Кралот. Заробеникот

се збогати: Кој се збогати? Питачката.
На крајот има свадба: Во чија корист? На кралот; не, на обајцата во еден или еден во обајцата. Јас сум кралот, оти таква е споредбата; ти си питачката, зашто така вели твојата ниска положба. Дали да ти наложам да ме сакаш? Можам. Дали да те присилам да ме сакаш? Би можел. Дали да те молам да ме сакаш? Тоа сакам. Што ќе добиеш место парталите? Фустани. Место рабушот? Име. Место тебе? Мене. Така, во очекување на твојот одговор, ги сквернавам усниве на твоето стапало, очиве на твојата слика, срцево на сé друго твое.
Твојот до крај загреан слуга,
Дон Адриано де Армадо.
Го слушнеш ли од Немејскиот лав ревот како те гони, о ти јагне, што ко плен негов стоиш
веднаш легни под кралските шепи од sверот па нема да те лапне туку игри со тебе ќе брои.
Но ако се буниш што ќе станеш кутре мое бегло?
Храна за гневот негов, обед за неговото легло.

Принцезата

Кој го склепа ова, кој знаменосец и пулен?
Кој ветроказ, дали некогаш подобро сте чуле?

Бојет

Малку сум заведен но се сеќавам на стилот.

Принцезата

Паметите слабо иако пред очи сé ви било.

Бојет

Ова е Армадо, шпанец, што го држат овде на дворот;
занесеник еден, Монарко, шегаџија со зборот
што го забавува кралот.

Принцезата

Во врска со спорот,
момче, кој ти го даде писмото?

Торлак

Ви кажав: господарот.

Принцезата

И кому треба да го дадеш?

Торлак

Од господарот е за некоја дама.

Принцезата

Од кој господар за која дама?

Торлак

Од мојот господар Бирон, перјаница моја сина,
за некоја дама од Франција што ја вика Розалина.

Принцезата

Си го смешал писмото. Одиме, мене ми се вјаса,
а ти, мила, прибери го, другпат ќе ти пише вистинскиот даса.
(Излегуваат принцезата и свитата.)

Бојет

Кој е стрелецот? Кој е стрелецот?

Розалина

Го сакаш од мене знакот?

Бојет

Па да, убавице.

Розалина

Онаа што го држи лакот.
Се извлеков фино!

Бојет

Госпоѓата моја рогови лови; но кога не ќе бидеш дева
нека ме обесат ако тогаш рогови нема прс и плева.
Баш те средив фино.

Розалина

Сега гаѓам јас.

Бојет

А кој ти е елен?

Розалина

Ако бираме по рогови, ти не ми си челен.
Баш те средив фино.

Марија

Постојано со неа се јадете, Бојет, а таа гаѓа право в чело.

Бојет

Нејзе никогаш не ја годат право, ја погодив ли на дело?

Розалина

Дали да ти се нафрлам со една стара поговорка што се однесува на погодокот, која беше возрасен човек кога кралот француски Пипин беше уште дете?

Бојет

Така можам и јас со една исто толку стара што се однесува на погодокот, која беше жена кога кралицата британска Гвиневер беше уште дејче.

Розалина

Ти не можеш да погодиш, да погодиш, да погодиш
ти не можеш да погодиш, човече, о боже.
(Излегува.)

Бојет

Ако јас не можам, не можам, не можам
ако јас не можам, тогаш друг може.

Торлак

Боже, боже, ама се забавни: објацата ја погодија целта!

Марија

Чудесна мета погодена сјајно:обајцата ја погодија целта!

Бојет

Мета! О! Метни ја оваа мета; мета, вели госпожата.
Но во таа мета за поарно да се гаѓа и шилец се става.

Марија

Раката слабо ве служи. Погодокот не ви е вреден

Торлак

Треба од поблиску да годи за да погоди среде.

Бојет

Ако раката слабо ме служи, вашата многу ми алка.

Торлак

Тогаш чивија нека си стави па да не талка.

Марија

Ама валкан јазик имате; срам да ви е.

Торлак

Не можете со неа, господине; предизвикајте ја на куглање,

Бојет

Триењето ме плаши. Добра ноќ, бувче. Пријатно дудлање.
(Излегуваат Бојет, Марија и Катарина.)

Торлак

Швалерција, нема што! Задрогаз прва лига!
Ама го испеглавме, девојките и јас, уште не му стига!
Смеење до пукнување беше! Зафрканција до посер, што е право;
и си тече ко од ракав, мрсно, братко, ама здраво.
Армадо од една страна, о, колку фин и тенок бој,
пред дамата оди, павкалото ѝ го носи тој.
И да видиш само како сам себеси раката си ја љуби!
И како најслатко се колне, паметот му се губи!
А пажот негов од другата страна задишан лида,
боже, срцето да ти се распара од таква гнида!
(Од надвор врева.)
(Торлак излегува.)

Сцена 2

(Влегуваат Холоферн, сер Натаниел и Акмак.)

Натаниел

Многу достојна забава, навистина; и изведена
со добра совест.

Холоферн

Еленот беше, како што знаете, *sanguis*, во крвта; зрел
ко сочно јаболко, што висеше како скапоцен камен во увото
на *coelo*, небото, сводот небесен, синиот шир; и оттаму падна ко
дивјак врз лицето на нашата *terra*, земја, тло, почва.

Натаниел

Навистина, господине Холоферн, красно нанижани
епитети, ко, во најмала рака, да сте поет; но, господине, ве
уверувам, станува збор за возрасен елен.

Холоферн

Haud credo, не верувам, господине Натаниел.

Акмак

Не беше *haud credo*, туку елен самак.

Холоферн

Многу простачка интимација! Еден вид инсинуација
како во *via*, небаре некаква експликација; *facere*, божем
репликација, или, поточно *ostentare*, да се покаже неговата инклинација, - на неговиот недотеран, неизделкан, неук, несрочен, неопитен, или уште повеќе необразован или највеќе, непотврден начин - за да се под-

метне моето *haud credo* како некаков си елен.

Акмак

Не реков дека еленот е *haud credo* туку елен самак.

Холоферн

Ти го крстиш тој ти прди, *bis coctus*!
О, монструме на незнаењето, зарем само дотаму умот ти стига!

Натаниел

Господине, никогаш не каснал од ѓаконите што се печат
в книга.
не јал хартија, се гледа; не пиел
мастило; ништо не дотурал во умот; тој е само обично
животно, чувствителен само во деловите на глупоста;
а таквата недугава билка пред нас е ставена, за ние
што имаме вкус и чувства, благодарни да сме за деловите во нас
што плод нам ни носат а не нему;
Зашто како што не ми личи мене да бидам суетен, чукнат
тупак
така е недолично еден глупак да учи, да го седнете
в клупа;
но, *omne bene*, велам јас; древната мудрост сега ми се јави,
на слепото пиле господ седело му прави.

Акмак

Вие обајцата сте учени луѓе: можете на памет да ми кажете
колку беше стара месечината во време на раѓањето на Каин
кога месечината ни пет недели нема?

Холоферн

Диктината, добар мој Акмак, Диктината,
Акмак.

Акмак

Што е Диктина?

Натаниел

Друго име за Феба, Луна, за месечината.

Холоферн

Месечината имаше месец ко на Адам возраста сета
а ни пет недели кога Адам наполни сто лета.
Алузијава одговара на твојата.

Акмак

Така е; полуцијава ти е ко мојава.

Холоферн

Бог нека ти е на помош: велам, алузијава одговара на твојата.

Акмак

Така де, полуцијава одговара на твојата, зашто месечината никогаш не е постара од еден месец; а освен ова велам дека принцезата уби елен самак.

Холоферн

Господине Натаниел, сакате да чуете еден екстемпорален епитаф за смртта на еленот? И, за да го развеселам тикваров, ќе го наречам еленот што го уби принцезата, елен самак.

Натаниел

Perge, само напред, господине Холоферн, *perge*, ако ви е по волја да ја сотрете вулгарноста.

Холоферн

Малку ќе се расфрлам со звучни ефекти; но

така
ќе ја избегнам баналноста,
прекрасната принцеза потегна и преубав елен самјак прцна
се разнеби небото несвесно за нервозната гуша;
загнаа загарите, кошутата или еленот крцна;
трчаа тркум трапавите дунстерски до дивата душа;
може еден елен единствен ко Елин ездеше ејди;
или стотина лееја лејки пред ловот на личната лејди!

Натаниел

Ретка дарба!

Акмак

Дарбата затоа се дава; да има што да те чеша!

Холоферн

Што се може тука, дарба си е дарба. Имам лудачки откачен дух, полн сум форми, стилски фигури, слики, теми, идеи, проценки, бравури, обрти: сите се зачнати во желудникот на моето помнење, коткани во утробата на *pia mater*, а ми пукаат кога ќе се роди можност. Но дарбата вреди само кај оние кај кои драстично е изострена, а јас сум крајно благодарен за тоа.

Натаниел

Господине, слава му на господа што ве донесе кај нас, а вака треба да велат и сите мои верници; зашто одлично им ги учите синовите, а ќерките многу добиваат под вас; вие сте добар член на заедницата.

Холоферн

Mehercle, жими Херкул! Ако синовите им имаат дар, за упатството тука сум јас; а ако ќерките им се расположени, мое е да им го пикнам. Но *vir sapit qui pauca loquitur*, оној што пика не треба многу да зборува. Нé поздравува една женска душа.
(Влегуваат Жакенета и Торлак)

Жакенета

Бог нека би посака доброутро, господине свештен!

Холоферн

Господине свештен! Оној што ви свети. Ако треба на некои да им свети, кои се тие па да им свети?

Торлак

Господине даскале, оние што бодат.

Холоферн

Значи да им свети на тие што бодат! Види мајката, стокмено нема што; ко самиот да не знае да боди па треба некому да свети: да гори ама само да свети; фино, баш фино!

Жакенета

Господине свештен, бидете добри и прочитајте ми го писмово; ми го даде Торлак а пратено ми е од Дон Армадо: ве молам, прочитајте ми го.

Холоферн

Facile precor gelida quando pecus omne sub umbra Ruminat, полнонадежно ти се молам дури начичканото стадо пасе во ладот под дрвјата итн. Ах, добар стар Мантовчанецу. За тебе можам да го кажам она што патникот го вели за Венеција:
Venetia, Venetia,
Chi non ti vede, non ti pretia.
Венеције, Венеције
кој не те гледа, не те ни цени.
Стариот Мантовчанец! Стариот Мантовчанец! Којшто не те разбира, не те ни сака. *Ut, re, sol, la, mi, fa.* Простете, господине, што пишува во писмото? Или,

подобро, како што Вергилиј вели во својата - Што, стихови?

Натаниел

Да, господине, и тоа многу вешти.

Холоферн

Да чујам некоја строфа, некој стих, некој ред: *lege, domine*. Читај, господине.

Натаниел

Ако заклетвата љубовна се крши како да се заколнам на љубов?
Само на убавината дадени, заклетвите се држат;
кон себе неверен, за тебе ќе останам верен, убав,
дабје за мене се тие, за тебе врби жалосни што се кршат.
Ги затворам сите книги, само книгата ти ја сакам в очи
во која радостите зреат што уметноста ги лачи
знаењето има смисла само за тебе ако се точи
учен е само оној јазик од кој ти божествено зрачиш.
Празна е душата што во тебе не гледа чудо,
па затоа се гордеам кога тебе штедро те фалам;
в очи молња Јупитерова, од грлото громогласје лудо
кое, лишено од гневот, в душа пали симфонија мала.
Небесна ко што си, о, љубов, прости што ти грешам
па божествената слава со јазик земен ти ја мешам.

Холоферн

Нема апостроф, фали акцент; дозволете да ја sирнам песничката. Метриката изгледа само е во ред; но елеганцијата, дикцијата и златната каденца на поезијата, *caret*, ги нема. Тука беше цар Овидиј Назон. А зошто Назон ако не затоа што имаше нос да ги намириса миризливите цвеќиња на воображбата и шармот на инвентивноста? Имитацијата, подражувањето не се ништо; и загарот го имитира господарот, мајмунот чуварот, уморниот коњ јавачот. Но, девојко невина, дали песнава ви е посветена вам?

Жакенета

Да, господине; од некој господин Бирон, еден од чудните придружници на кралицата.

Холоферн

Ќе sирнам уште еднаш кому е наменето. *Лично на снежнобелата рака на најубавата госпоѓица Розалина*. Пак ќе видам кој е автор на писмото, зашто сакам да утврдам кој му пишувал на личноста на која ѝ е пишано: *Во служба на вашата милост за што сакате, Бирон.* Господине Натаниел, овој Бирон е еден од оние што се заколнаа со кралот; а овде составил писмо до една од придружбата на туѓинската кралица, кое, случајно, или по логичниот развој на настаните, стигнало на погрешна адреса. Тркни и појди, девојче слатко; предај го писмото во владарските раце на кралот; може да биде од голема важност. Не задржувај се многу на формалностите; од таа должност те ослободувам; збогум.

Жакенета

Торлак, појди со мене. Господине, Бог нека ве благослови!

Торлак

Твој сум, девојко.
(Излегуваат Торлак и Жакенета.)

Натаниел

Господине, ова сте го сториле пред страв од бога, многу набожно и како што вели еден од светите оци -

Холоферн

Ве молам, господине, доста со тие свети оци; единствено се плашам од лажни метании. Но да се вратиме на песната; дали ви се допадна, господине Натаниел?

Натаниел

Извонредна за такво перо.

Холоферн

Денеска ќе ручам кај таткото на една моја ученичка; каде што, ако не ви пречи да ја благословите трпезата со молитва, лично ќе се погрижам, врз основа на привилегијата што ја имам кај родителите на погоре споменатото дете или ученичка, да бидете *ben venuto*, добредојдени; таму ќе ви докажам дека стиховиве не се излезени од софистицирана душа, дека се лишени од поетски вкус, бистрина и инвентивност. Ве молам да ми правите друштво.

Натаниел

Ви благодарам зашто друштвото, вели Светото писмо, е радоста на животот.

Холоферн

А сигурно, Светото писмо тука не греши. *(На Акмак)* Господине, и вие сте поканети; сигурно нема да ме одбиете; *pauca verba*, што помалку зборови. Одиме! Велможите си ја тераат својата игра, а ние само сакаме да се поткрепиме.
(Излегуваат.)

Сцена 3

(Влегува Бирон со писмо в рака.)

Бирон

Кралот лови елен; а јас се ловам самиот себе: тие фрлаат мрежи; а јас самиот в мрежа паѓам, - пад што обесчестува: обесчестување! Грд збор. Но смадри се таго! Така велат рекол акмакот а така велам и јас, значи јас сум акмак; добро се покажа, уму, нема што! Жими бога, оваа љубов е луда ко Ајант: убива овци, ме убива мене, значи јас сум овца: пак добро се покажав, нема што! Нема да сакам; ако сакам, обесете ме; навистина, нема. О! Ама очите нејзини, - да ги нема тие очи, очи да немам ако ја сакам.; само да не се тие очи. Ништо не правам на светов, само лажам, лажам сушам. Жими бога, навистина сакам, а тоа чувство ме научи да пишувам песни и да бидам тажен. Кај нејзе е веќе еден од мој сонет: го напиша мајтапџија, акмак го прати и сега госпоѓицата го има; мајтапџио сладок, акмаку посладок, госпоѓице најслатка! Ич не би ми било гајле ако и другите тројца се во иста каша. Еве еден од нив со хартија в раце; бог нека му даде сила да воздивнува и да офка!
(Застанува на страна.)
(Влегува Кралот, со хартија в раце.)

Кралот

Тешко мене!

Бирон

Погоден, сполај ти господе! Гори, печи, Купидоне сладок; си го удрил со лута стрела право в срце. Тајни, а? Тајни!

Кралот

(Чита) Со толку сладок бакнеж златниот фенер не
кресnал
врз свежите утрински капки на трендафилот

ко твоите очи кога со свежина ќе блеснат
со ноќ од роса по образите мои, тилот.
Нит светнала месечината со светлина бистра
низ длабините прозирни што сребреност сипа
ко ти што светиш низ солзава што блиста
дур секоја солза ликот твој го липа.
И секоја капка ко кочија тебе те носи
па јаваш победоносно низ мојата болка,
и само гледаш како душава ми роси
и сјајот свој како низ јадов ме колка.
Но не возгордувај се; оти вака штом се мачам
не терај ме уште повеќе по тебе да плачам.
О кралице кралска! Толку доблести те красат
што ни умот ни јазикот смртен можат да ги кажат.
Како маките ќе ми ги знае? Хартијо, смадри се овде:
листови слатки, лудоста засенете ја. Некој иде!
(Се тргa на страна.)
Што, Лонгавил! Чита! слушај уво!
(Влегува Лонгавил со неколку листови.)

Бирон

Опа, ист лудак иде, во исто лудачко руво!

Лонгавил

Тешко мене! Заветот го згазнав.

Бирон

Што, зборот го прекрши, а хартија носи!

Кралот

Заљубен е, мислам: слатко е пријателството во
срамот.

Бирон

Пијаниот на пијаницата му го сака шармот.

Лонгавил

Дали сум првиот што испаднал кукајца?

Бирон

Еве ти утеха; пред тебе знам барем двајца.
Со тебе сме тројца, голо свето тројство
ко бесилката на Тајберн кајшто се умира
за љубогојство.

Лонгавил

Се плашам стиховиве не можат да те трогнат
о Марија, царице, на љубов да те подбоднат!
Ќе ги искинам и ќе ти пишам во проза.

Бирон

О, стиховите ги вардат бечвите на блудниот Купидон:
не расипувај му ги.

Лонгавил

Нека останат сепак.
(Го чита сонетот.)
Зарем не беа небесните слова на очите твои
против кои светот само лачи завера празна
причина што срцево грешно кривоклетство го дои?
Заклетвата за тебе прекршена не заслужува казна.
Од жени се откажав; но ќе докажам грубо
дека од тебе не се откажав, божица си, речи
заветот ми беше земски; ти небесна љубов,
милоста во тебе, немилоста в душа ми ја лечи.
Заветите се здив а воздух е здивот:
затоа сонце лично на земја што грееш
испари го воздухов-завет; земи го со напливот
и ако тогаш го прекршат, немој мене да ми се смееш.
Па ако сум го прекршил, има ли шутрак кус во сјајот
што заветот би го држел а би го загубил рајот?

Бирон

Суетниот џигер, месото ко божество го слави,
зелената гуска ко божица; чиста перверзија.
Господ нека ни е на помош! Излеговме од ѓонија.

Лонгавил

По кого да го пратам? Стој! Некој иде.
(Застанува на страна.)

Бирон

Сите се кријат, сите; мижитатара е во мода.
Ко полгубог седам овде на небо,
и тајните на будалите ги кријам во џебот.
Уште вреќи во млинот! Боже! Уште има што
се кријат:
(Влегува Димен со писмо.)
Димен преправен: четири мисира в чинија!

Димен

О преубава Кате!

Бирон

О незрела тикво!

Димен

Жими бога, за смртните очи чудо!

Бирон

Ти се молам, па таа е само тело! Лажеш, лудо!

Димен

Килибарот в коси ко на пиле ѝ стои.

Бирон

А што ѝ фали на страчката во килибар боја?

Димен

Права е ко кедар!

Бирон

Олабави малку, велам.
Рамото ѝ е трудно.

Димен

Ко ден сјаен бела.

Бирон

Ко некој ден: оти сонцето не ќе мора да грее.

Димен

О камо желбата да ми се исполни.

Лонгавил

И мојата подолу да не е!

Кралот

И мојата, господе боже!

Бирон

Амин, во свое име велам. Така може.

Димен

Сакам да ја заборавам, но таа е треска
пикната во крвта и постојано ме плеска.

Бирон

Треска во крвта! Па боцни една вена
нека истече в пајница. Ама слатка присена!

Димен

Уште еднаш ќе ја прочитам одата што ја склепав.

Бирон

Ете како од мудрец стануваш скепар

Димен

(Го чита сонетот)
Едно момче еден ден
љубовта цути по велигден
виде многу личен цвет
заигран со ветрот клет.
Низ лисјето сомотско, кедро,
невидлив се провира ветрот
а љубовникот смртно спален
посака здив небесен да стане.
Здивот, рече, бескрајно те сака
камо и јас да те љубам така!
Но си дадов црна клетва
од тебе да не видам жетва
но кај се чуло момче младо
да не кине цветче радо.
И не вели грешен имав порив
што за тебе кривоклетник се сторив
па и Зевс за тебе в пекол
од Јунона би се одрекол
и напуштајќи го тронот довек
за тебе би се сторил човек.
Ова ѝ го праќам, и уште нешто што ќе ја колка
вистинската љубов низ неискажлива болка.
О! камо кралот, Лонгавил и Бирон
да лижнале барем малку од љубовново миро.
Тогаш чисто од срамот ќе биде ова чело
кајшто мнозина грешат, грешно не постои дело.

Лонгавил

(Излегува напред) Диман, љубовниот порив ти е
мошне поган
штом во болот љубовен и туѓ посакуваш оган;
бледни, но јас би поцрвенел, би умрел од мака
да ме чујат како блудно се занесувам вака.

Кралот

(Излегува напред) Поцрвенете, господине, ист сте ко
него олош,
само што корејќи го, станувате двапати полош:
вие не ја сакате Марија! Вам ви штети
што никогаш за неа не сте пишувале сонети,
и никогаш не сте ги свиле рацете млади
врз срцето заљубено под зовриените гради.
Скриен бев тука блиску во џбунот
обајцата ве видов, за обајцата ми поцрвене клунот.
Песните блудни ви ги чув, видов си ја вадите маста
воздишките ви ги сетив, ви ја намирисав страста:
тешко мене! вели еден: Зевсе! другиот плаче
златокоса е, вели еден, ко билјур, вика другиот смрачен:
(На Лонгавил)
ти заветот би го скршил по цена на рајското место
(На Димен)
а и Зевс, за неа би се симнал од престол.
Што ќе рече Бирон кога ќе чуе
дека некој врз заветот свечен блудно блуе?
Колкав ли презир, колку погрдна реа
од закачки ќе истура дури ќе умира о смеа?
За сиот раскош виден од мене кога и да е
не би сакал тој такво нешто за мене да знае.

Бирон

(Излегува напред)
Истапувам напред на лицемерието да му удрам камшик.
Ах! кралу мој добар, прости, те молам за миг,
кажи, кој ти даде право вака да ги рушиш
заљубениве глувци кога и самиот си зацапан до уши?
Очите кочии не ти се; во твоите солзи
нема принцеза што раскошно ползи
заветот не би го прекршил, не дај боже,
ти и сонети? Само поетче некое тоа го може.
Зарем не ви е срам? Зарем не сте за резил
што сите тројца станавте достојни за

презир?
Ти трн му најде в око; кралот кај тебе најде,
а јас греда кај сите, нема тука фајде.
О! Што глупости се изнаслушав, суетни лаги,
воздишки, офкања, трескање зелени, таги;
О! Колку стрплив бев, допуштив некој да ме дави,
пред очиве мои кралот комарец да ми се прави,
големиот Херкул билии да фрла,
премудриот Соломон во нишалка да се крла,
умниот Нестор заспивалки да пее
Зловолниот Тимон ко бебе да се смее!
Кај те мачи болка? О, кажи ми добар мој Димен,
и тебе, Лонгавил, кај ти тлее јадот зимен?
И твојот, кралу мој? Сé нешто в гради ве стега:
да мавнеме по една, на здравје!

Кралот

Горчлива правиш шега.
Бдеењето твое, значи, нé издаде пред тебе?

Бирон

Не тоа, туку вие ме издадовте мене.
Мене што сум чесен; мене што за грев го сметам
кршењето на она што свечено ќе го ветам;
Јас сум издаден, за мене правилото важи
го згрешив друштвото, непостојани сте вие мажи.
Сте ме виделе ли некогаш да клепам песни?
Времето да го трошам, да трчам по жени лесни?
Дали сте ме чуле да воспевам раце, нозе,

очи, лице, става, чело, гради, одењето кроце?

Кралот

Полека! што си навалил толку тврдо?
Чесен ли си или крадеш што иташ толку грдо?

Бирон

Спас барам од љубовта; љубовнику,
тргни ми се од патот.
(Влегуваат Жакенета и Торлак.)

Жакенета

Да живее кралот!

Кралот

Што грешно за мене имаш ?

Торлак

Предавство грешно.

Кралот

Зарем за предавство гледаш клима?

Торлак

Ни случајно, господару.

Кралот

Тогаш сосе него, фаќајте џаде,

Жакенета

Ве молам, господару, нека се прочита ова писмо.
Попот наш се сомнева; вели предавство тука лежи.

Кралот

Бирон, прочитај го. *(Бирон го чита писмото.)*
Од каде ти е?

Жакенета

Од Торлак.

Кралот

Од каде ти е?

Торлак

Од Дун Адрамадио, Дун Адрамадио.

Кралот

Што е? Што ти стана? Зошто го кинеш?

Бирон

Глупости, кралу, глупости; закана за вас овде нема.

Лонгавил

Ако е така, тогаш зошто толкава трема? Читај!

Диман

(Ги собира делчињата) Ракописот е на Бирон, а овде и
името му стои.

Бирон

(На Торлак) Копиле едно гадно, роден си резил да
ми скроиш.
Виновен сум, господару, виновен! Признавам,
згрешив!

Кралот

Што?

Бирон

Дека на вас тројца шутраци ви фалев уште јас,
уште еден шутрак за на маса да ве теши;
тој, тој и вие, и ти, кралу мој па ијас,
кесеции сме во љубовта и смрт ни следи нас.
О, распуштете ги сите па ќе ви кажам уште.

Димен

Сега сме токму на број.

Бирон

Така е, тука е и четвртиот гуштер.
Ќе мрднат желкиве?

Кралот

Надвор, господа, не терајте ме да
пукам!

Торлак

За верниот улицата, предавникот останува тука!
(Излегуваат Торлак и Жакенета.)

Бирон

Господа мили, љубовници, о, да се прегрнеме сега.
Постојани сме ко вода меѓу два брега;
морето надоаѓа и си оди, небото сјае ко ѓакон
но младата крв врие, не се свива пред стариот закон.
Се раѓаме и тука поправки не може да се вршат
дадените заклетви природно е да се кршат.

Кралот

Што! Да не сакаше низ стихуванава мина некаква љубов да искажеш?

Бирон

Да не сакав? Кој уште кога еднаш ќе ја види божествената Розалина, ко груб индиски дивјак
при sастрата прва што маѓесно ја буди ноќта сива
не би паднал на земја, заслепен од сјајот,
наведнат со главата ко да го видел рајот?
Кои очи орлолики можат во небото сјајно
на чело да ѝ sирнат без да ослепат трајно?

Кралот

Каква страст, каква фурија ти надоаѓа ко метла?
Љубовта моја, господарката нејзина, е луна прекрасна, таа само пратилка ѕвезда, одвај светла.

Бирон

Тогаш слеп сум и немам очи, а јас не сум Бирон;
о, да не е таа, денот ноќ ќе биде.
Од сите бои божествена складност
ко на панаѓур, на красното лице ѝ иде;
кајшто неколкуте доблести достоинство чинат
и кајшто копнежите без копнеж минат.
Позајми ми ја песната на сите нежни души
но што ќе ѝ е? Речитост е таа што гуши.
Стоката за продавање продавачот нека ја фали,
таа е над фалбата; а фалбите куси, фалби се мали.
Пустиник истрошен, сто години во гниди,
педесет би смалил, поглед да ѝ види.
Убавината староста ја млади небаре бебе
новороденче покриено со лично ќебе.
О, сонце е таа и од нејзе сите нешта светат.

Кралот

Боже господе, ко абонос е црно твоето либе.

Бирон

Ко абонос, велиш? О божествено дрво,
од него да имаш жена, блаженство прво!
О, кој не би се заклел? Дајте книга
да се заколнам дека убавината ништо не значи
ако не научи од очите да ѝ зрачи;
лицето убаво не е ако не е црно сосем.

Кралот

Глупости! Црното е белег на адот,
боја на дувлата, училиште на ноќта;
а круната на убавината од небото му личи.

Бирон

Ѓаволот, ко ноќен дух светот го лости.
О, ако со мрачни таа тагува мисли
одушевувањето од белилото и црните коси
кај невештите љубовници нејзе ја боли.
Токму со неа црното убаво стана.
Чарта нејзина модата денешна ја смена,
па дури и крвта, неприродна боја има;
затоа црвеното, да избегне да го корат,
во црно се обои, имитирајќи ја неа.

Димен

И оцачарите, да личат на неа, се борат.

Лонгавил

А јагленарите не се повеќе за смеа.

Кралот

А црнците се горди на лицата што им светат.

Димен

Мракот станал светлина, свеќи не треба да горат.

Бирон

Вашите сакани не би смееле да излезат пред вождот,
од страв белилата да не им ги измачка дождот.

Кралот

Твојата смее, никого таа нема да плени
зашто многу се поубави и неизмиени.

Бирон

Ќе докажам дека е убава па макар
говорел до денот суден!

Кралот

Тогаш повеќе од неа ќе се уплашиш

отколку од Ѓаволот вечнобуден!

Димен

Не сум видел човек да го прави
грдото толку лично!

Лонгавил

Еве, види го ѓонов! Ѓон-лице таа има!
Му ги покажува чевлите.

Бирон

О, плочникот поплочен да е со очите твои,
префина ногата би ѝ била да го гази.

Димен

О, резил! кога ќе врви, она што горе стои
оздола улицата ќе го гледа па ќе ја мразиш.

Кралот

И што? Зарем не сме заљубени сите?

Бирон

Сме и товарот на кривоклетството
го делиме ко чин свршен.

Кралот

Тогаш кавгата на страна; Бироне добар, доказ најди
дека љубиме законски, а заветот не е скршен.

Димен

Така, така! да го разубавиме малку злото.

Лонгавил

Потпорка најди, да знаеме понатаму како,
уjдурма стори, итроштина, само да киднеме од
дното.

Димен

Лек најди за гревот!

Бирон

О, потребно е и тоа многу.
Подгответе се значи, војни на љубовта,
и сетете се на првиот ваш завет:
да постите, да учите и да не се гледате со жени;
чисто предавство на кралското младешко доба.
Кажете, дали сте кадри да постите? Стомаците ви
се бунат,
а воздржувањето болести носи.
А таму кајшто се заколнавте да учите,
тука предавство изврши секој од вас.
Можете ли в мисли да блудите, а сепак
да се џарите и да се sверите в книга?
Оти како вие кралу, или ти, или ти,
ќе ја сознаете на учењето вистинската вредност
лишени од убавината на женското лице?
Овој наук го извлеков од женските очи:
Тие се темелот, книгите, школите,
од кајшто вистински шика прометејскиот оган.
Универзалниот напор безмерно ја труе
духовната моќ во човечките вени,
ко што долготрајната работа и оддот
мускулната снага на патникот ја цедат.
Така се откажавте од употребата на очите свои
а со тоа и од учењето заради кое дадовте завет;
оти постои ли на светот автор што на таква убавина учи ко што учи женското око?
Учењето не е ништо друго туку само дополна наша,
и таму кајшто сме, таму е и тоа;
па кога ќе си се видиме во очите на жена
не го гледаме ли таму и знаењето наше?
О, се заколнавме да учиме господо,
а со тој завет се одрековме од книгите наши;
оти каде би нашле мој кралу, или ти, или ти,
низ оловните досетки на вашата памет
толку огнени стихови ко што брзите очи

на весталките на убавината ви дадоа на претек?
Вештините други бавни сосем го зауздуваат умот
па затоа наоѓајќи занаетчии јалови,
не даваат жетва од тешката своја мака;
но љубовта, првин научена во очите на жена,
не живее сама, cосидана во умот,
туку со движењето на сите елементи,
брзо протекува ко мисла низ сите наши моќи,
и секоја моќ ја зголемува двојно
без оглед на намената, обврската.
Извонредна острина му дава таа на видот;
љубовникот со остриот поглед заслепува орел;
а со увото најтивкиот звук ќе го чуе
и таму кајшто за него е глув од крадецот слухот:
Почувствително кај љубовникот е сетилото за допир,
од нежните рокчиња на соголениот полжав;
за вкусот на љубовникот груб е јазикот на Бахус.
По однос на смелоста зарем не е љубовта како
Херкул,
што сé уште ги качува дрвјата на Хесперидите?
суптилна ко сфинга; полнозвучна и слатка
ко маѓичната лира на Аполон што мава
по затегнетите струни од своите коси;
а кога љубовта ќе проговори, со гласот тогаш
сите богови го заспиваат небото со складност.
Нокогаш поет не зел да пишува перо пред мастилото да го натопи во воздишки од љубов;
о, тогаш стихот смирува и дивјачки уши
и всадува во тираните човечност блага.
Од женските очи го влечам овај наук:
со вистински прометејски оган тие искрат;
тие се книгите, вештините, школите
што упат даваат, што содржат и го хранат светот;
и ништо, да не се тие, не би било сјајно.
Затоа од жени кога се откажавте бевте глупи
и глупи ќе останете ако до заветот се држите.
во име на мудроста, збор што сите мажи го љубат
или во име на љубовта, збор што мажите на срце го носат,
или во име на мажите, создавачи на сојот женски,
или во име на жените по кои ние мажите сме мажи,
дајте на заклетвиве да заборавиме за еднаш себеси да се најдеме, или во спротивно
ќе се загубиме себеси држејќи некаков завет.
Да си вака неверен набожност чиста значи
оти и милоста до ваквиот закон се држи;
а може ли некој од милоста да лачи љубов?

Кралот

Тогаш во името на светиот Купидон
војници на мегдан!

Бирон

Бајраците развијте ги удрете по нив!
Легнете ги, стуткајте ги! Но имајте на ум првин
за време на бојот кон сонцето да ги свртите.

Лонгавил

На работа тогаш; но без китења, тогаш просто;
решивме значи да ги бараме француските моми.

Кралот

И да ги освоиме: затоа најдобро е велам некаква забава да смислиме во шаторите нивни.

Бирон

Како прво, од градината да ги одведеме право таму; потоа секој за рака нежно да ја земе госпоѓицата своја лична и да ја одведе дома.
Попладне со прекрасна забава ќе ги забаву-

ваме
вешто, онаква каква што краткоста на времето
ќе ни овозможи;
оти со веселба, игри, маски, лудости на сатот
љубовта се најавува, постилајќи ѝ го со цвеќе патот.

Кралот

Одиме, одиме! Секој миг скапоцено ни носи име.
Затоа времето згодно господа, не смееме
да го пропуштиме.

Бирон

Allons, allons! Кој коров сее, не жнее жито,
а мелницата на правдата многу е бавна;
лесната жена може да е чума за мажот плиток
но ако, тогаш разменава ќе биде меродавна.

Холоферн

Satis quid sufficit, доста е колку што е доволно.

Натаниел

Го славам господа заради вас, господине; вашата расправа за време на ручекот беше остроумна и лапидарна; пријатна а без простаклук, духовита а без извештаченост, храбра а со скрупули, учена а ненаметлива и што е најчудно без еретички напливи; Деновиве разговарав со еден од друштвото на кралот којшто носи титула, наречен е, се вика Дон Адриано де Армадо.

Холоферн

Novi hominem tanquam te, го познавам човекот баш како тебе; многу е надмен, говорот му е строг, јазикот мелем, окото славољубиво, одот кралски, а општото однесување суетно, смешно, големо курчало е. Премногу е, би рекол, испеглан, извештачен, ексцентричен, патетичен, ептен мириса на странец, со еден збор.

Натаниел

Добро и прецизно го опишавте.
(Го вади бележникоѿ.)

Холоферн

Тој струната на својата речитост ја преди потенко одошто му дозволува зајрето аргументи. Морници ми идат од таквите фанатични откаченковци, од таквите самосвојни тапоглавци што сé мерат на конец; од суровите уништувачи на јазикот, кои место се сомневам велат ше шомневам; дуг место нашето долг, - комсија место комшија, сиса место шиша. Навистина узасно како што би рекол тој место ужасно - ми удира на удреност; *ne intelligis domine*? Ме разбираш, господине? Чукнатост, забеганост.

Натаниел

Laus Deo, bone intelligo,Фала му на господа, добро разбирам.

Холоферн

Bone? Bon, fort bon; Прискијан е малку изгребан: ама може да прође.
(Влеѓувааѿ Армадо, Молец и Торлак.)

Натаниел

Videsne Quis venit? Гледате кој доаѓа?

Холоферн

Video, et gaudeo, гледам и уживам.

Армадо

Момце!

Холоферн

Зошто момце а не момче?

Армадо

Луѓе мирољупци, здраво!

Холоферн

Највојнољубив, господине, поздрав!

Молец

Изгледа биле на некоја раскошна јазична гозба, па ги добиле трошките.

Торлак

Море предолго живееле од ковчегот на милоста полн зборови. Се чудам како не те изел до сега господарот место збор; оти да се спростреш колку си долг и широк ќе испаднеш покус од *honorificabilitudinitatibus*; најдолгиот збор; човек може полесно да те голтне од коцка шеќер.

Чин ПЕТТИ

Сцена 1

(Влегуваат Холоферн, сер Натаниел и Акмак,)

Молец

Тишина! Канонадата започнува.

Армадо

(На Холоферн) Господине, да не сте случајно уцен?

Молец

Учен, е учен. Ги учи децата на роглеста алфа вита.
Ако ставиме рог на буквата о и пред неа и ја тутнеме буквата р, па на тоа ставиме рог, што
ќе излезе?

Холоферн

Па ќе излезе бог плус рог.

Молец

Не. По Вернеровиот закон б преоѓа во в, г во л
и испаѓа вол. Глуп вол рогоносец. Ете како учи.

Холоферн

Од каде г во л?

Молец

Од секаде. Не ме терајте да докажувам.

Армадо

Жими солените бланови на медителанот, ова ти е
удал бас во челта: Можок од уси цули! Умот мој
се ладува; Можок и пол!

Молец

Мозок на дете во лице со брчки; Брчкосан мозок.

Холоферн

Која е метафората? Метафората! Метафората!

Молец

Рогови.

Холоферн

Расудуваш ко дете. Оди шетај.

Молец

Позајми ми еден рог па ќе ти шетам низ детството
до сабајле.

Торлак

Да имам само едно паре на светот ќе ти го дадам да си купиш гурабија. Еве ти, земи ја онаа иста
ремунерација што ја добив од газдата, ти денар-ќесе од памет, јајце - памет од чавка.

О,о камо
небото да беше милозливо па да ми беше копиле
баш ќе ме направеше среќен татко. Добро де,
не бери гајле, умот ти е во малото прсте, да чукнам
што се вели.

Холоферн

Ми смрди, ми смрди тука на расипан латински;
некој цело време блада.

Армадо

Уцен човеку, *praeambula,* непотребен вовед; тлеба
да се издвоиме од валвалите. Вие ги подуцувате
младите, голе на влвот од планината?

Холоферн

Или *mons*, што се вели, рид.

Армадо

Нека ви биде по ваша волја, знаци рид место планина.

Холоферн

Планинарам како не, и подучувам.

Армадо

Господине, плет сé и над сé шлатка волја и ќеф
е на клалот на плинцезата во нејзиниот павиљон
да ѝ ги излие своите цувства во часовите сто паѓаат во последниот дел на денесниов ден, влеме
кое плостата маса глубо го вика попладне.

Холоферн

Часовите кои паѓаат во последниот дел на денот,
тоа ви е име, племенит господине, кое точно се
поклопува со попладне, прикладно е, и едноставно
скроено по мерка: Зборот е добро изваган, избран;
вкусен и соодветен, господине ве уверувам, навистина ве уверувам.

Армадо

Господине, клалот е господин од висок лод и ние
двајцата, ве увелувам, сме како гас и гаќи, мислам
плијатели сме многу блиски. Што се однесува до
она сто е в дуса меѓу нас, плеку тоа да поминеме:
Те плеколнувам, сети се на плистојноста; те плеколнувам, клај си ја палалијата на глава и след
длугите тазе и селиозни замисли, многу вазни, се
лазбила… но и ова да го оставиме на стлана:
Оти молам да ти казам некогас на неговата милост
му паѓа на ум, да ослепам ако лазам, да се потпле
на моето кукавицко ламо, па со својот клалски
плст, еве вака да ми ги погали овие мои изластоци,
мустаките де: Но дуско мој, да не се плеткаме со
тоа. Виделцето да ми се земи ако ти казувам бајки;
неговата милост понекогас знае да даде исклуцителни поцести на Алмадо, војникот, патникот кој го видел светот: Ама и ова да го
тлгнеме настлана. Она пак сто е всусност све и
всја од сé ова, ама зити господ дуско нека ова остане стлого меѓу нас, тоа е сто клалот сака плед

плинцезата тоа пиленце слатко, да измајмулам
некакво занесно пликазание или плетстава, или
театал, или зива слика, или лаклдија, или огномет.
Па дознавајќи дека господинот палох и васата
слатка лицност сте добло потковани и пецени
за такви гломогласни изливи и за такви
неоцекувани плоливи на ладост, така да казам
јас ве запознав со тоа, за најзиво да ве замолам
плитоа да ми се најдете пли лака.

Холоферн

Господине, треба пред нејзе да ги представите
Деветте Величенствени. Господине Натаниел,
кога е во прашање добар помин, некаков театар
во последниот дел од денот, а кој со наша помош
и по заповед кралска и волјата на овој многу
галантен, благороден и многу учен господин, треба
да се одигра пред принцезата, јас велам дека ништо
поприкладно нема од Деветте Величенствени.

Натаниел

А каде, живи господ, да најдеме толку
величенствени луѓе за ова приказание.

Холоферн

Џошуа ќе бидете вие; јас или овај галантен
господин, Јуда Макавејски; овој торлак бидејќи
е граден ко коњ, ќе го игра Помпеј Велики; пажот
- Херкул-

Армадо

Плостете господине глеска тој е ситен ко ситни
пали. Нема мателијал ни за палецот на тој
великан, нема ни за јаболкото на неговиот
боздоган.

Холоферн

Смеам да кажам нешто? Ќе го претставува кога
бил мал; цела негова ролја ќе биде давење на змија
а јас, за таа цел ќе спремам добра одбрана.

Молец

Ама ви текнува! Алал да ви е! Ако некој од
гледачите засвирка и с'сне, можете да викнете:
"Одлично Херкул! Сега смачкај ѝ ја главата!"
А тоа е одличен начин навредата да се претвори
во воодушевување само што малкумина со
одушевеност тоа можат да го сторат.

Армадо

А сто е со длугите велиценствени?

Холоферн

Јас самиот ќе играм тројца.

Молец

Тројно - величенствен величенственику!

Армадо

Зајте сто?

Холоферн

Не знаеме.

Армадо

Ако вдиме ова не оди ќе пликаземе лаклдија. Ве молам, по мене.

Холоферн

Via, ура, Акмак! Цело време ќутиш.

Акмак

Ниту пак нешто разбрав господине.

Холоферн

Allons! Ќе ти најдеме нешто да маткаш.

Аклмак

Дајте ми да маткам нешто околу орото; или да
удирам на барабан за величенствените а тие да
маткаат, да разматкуваат.

Холоферн

Ептен акмачки, браво Акмак; да брзнеме, забавата
нѐ чека!
(Одат.)

Сцена 2

(Влегуваат Принцезата, Марија, Катарина и Розалина.)

Принцезата

Душички слатки, не си одиме сиромашки од овде,
ако поројот дарови продолжи да тура;
госпоѓица опточена со дијаманти!
Гледајте што сѐ добив од заљубениот крал.

Розалина

Зарем со ова не стигна и нешто друго?

Принцезата

Не, само ова! Ах да. И море римувана љубов
начичкана и навезена на парче хартија,
од обете страни, на маргините и сегде,
па одвај нашол место за печатот Купидонов.

Розалина

Така се најде начин боговската глава
со восок да ја запечати и да почне да расте
зашто пет илјади години беше палаво дерле.

Катерина

Да, и префриган мајмун зрел за бесилка.

Розалина

Со него нема пријателство; сестра ви тој ја уби.

Катарина

Тој ја направи потиштена, замислена, тажна,
и таа си умре; да беше лесна, како тебе
со весел, подвижен, лесноигрив дух,
можеше и баба да стане пред да умре;
а можеш и ти, зашто лесното срце живее долго.

Розалина

Кое е темното значење, душо, на светлиов збор?

Катарина

Светли услови во убавина темна.

Розалина

Треба боринче за значењето да го видиме.

Катарина

Боринчето ќе се угасни од вашето фрчење; затоа она што го мислам ќе го чувам во темно.

Розалина

Гледајте, сé што правите во тежок мрак да го правите.

Катарина

Само лесните на светло сé прават.

Розалина

Не тежам колку тебе па полесно ми е на душа.

Катарина

Не тежиш колку мене? Значи не се ни грижиш за
мене.

Розалина

Се разбира; кајшто лек нема, ни грижа нема.

Принцезата

Добри сте, добри; обете сте досетливи и итри.
Но Розалина, подарок добивте и вие;
од кого е? И што е?

Розалина

Нема тука што да се крие;
лицето ко вашето да ми е лично,
и дарот мој би бил толку голем; еве доказ.
А и стихови добив, благодарение на Бирон,
метриката е точна; но кога би било
и она што е внатре точно, ќе нема
од мене поубава божица на светот;
Со дваесет илјади убавици сум споредена,
о, ме насликал верно во своето писмо.

Принцезата

По што е верен?

Розалина

По буквите веројатно, по фалбите не.

Принцезата

Одлично! Ко мастило, значи, лична.

Катарина

Убава ко текст што се пишува со црно.

Розалина

Смрт за перодршките! Не сакам да ви должам.
Румено мое моме, румено и бело;
камо да не ви напишеа на лицето толку точки.

Принцезата

Шегата е луда! Толку многу мочки-лочки
но Катарина, што ви подари убавиот Димен?

Катарина

Ракавицава, госпоѓо.

Принцезата

А другата за периодот зимен?

Катарина

И таа, госпоѓо, и уште згора
илјада стихови што од љубов горат;
голем превод на двообразноста
вешто срочен, длабок во едноставноста.

Марија

Ова и низава бисери Лонгавил ми ги прати
писмото е предолго, не му текнало да го
скрати.

Принцезата

Се согласувам. Само срцево ни дава виза
писмото да е пократко а подолга таа низа.

Марија

Така е, такво е женското срце.

Принцезата

Мудри сме девојки штом вака
љубовниците ги исмеваме.

Розалина

Глупи се тие што потсмевот наш така
го купуваат. Тој Бирон, пред да си одам,
има безмилосно со маки да го бодам.
О, камо некој една недела со него да ми даде,
има да го натерам да ми ползе, од рака да
ми јаде,
да се вртка околу мене, да бара погодно
време,
паметот стихоклепството да му го земе,
има да ми игра пиперевка, во сé да ме слуша,
да биде горд што гордост ми раѓа в душа!
Толку би го зела под свое ко кловн без глас
што слуга тој ќе ми стане а судбина негова
јас.

Принцезата

Штом разумот побудали, најлесно в стапица
се
паѓа;
лудоста што од мудроста се раѓа,
од мудроста гаранции има и тогаш е добра
руда
па украс станува мудар на ученият лудак.

Розалина

Младешката крв не пламти со толку јарост
ко зрелиот свет што гори паднат во развратност.

Марија

Лудоста кај лудиот не е толку силна
ко онаа кај мудриот којшто, од љубовта
шилнат
од петни жили запнува да докаже дека е
вредно
дури и она што е простачко и бедно.
(Влегува Бојет.)

Принцезата

Еве го Бојет, лицето му пламти од смеа.

Бојет

Да, да, срцето дури ме стега. Каде е принцезата?

Принцезата

Што има ново?

Бојет

Подгответе се госпоѓо, војната не е шута!
Оружјето в раце, девојки! Сурија една лута
мирот сака да ви го сруши: Амор мајстори
платил
па облежен чудно, наваму тргнал на препад
да ве фати;
умот в глави, спремајте одбранбена шема,
кукавички скријте се или бегајте, да ве нема.

Принцезата

Свети Денис против Свети Купидон! Кои
се тоа мажи

што со воздишки ни се закануваат? Кажи, кодошу, кажи!

Бојет

Под ладната сенка на една смоква
бев наумил бар полчас да дремнам кротко
кога, оп! за да ме спречат во наумот убав
кон ладовината наеднаш ми бувна
кралот со дружината: јас на веста
веднаш се затскрив во блискиот честак
и го чув она што сега ќе го чуете и вие
дека, преоблечени, наваму тргнале тие,
Гласник нивен еден паж ќе биде ситен
што на памет го научи аберот им итен,
и кого го учеа како да говори, како да се држи:
"Вака ќе говориш, онака телото ќе го држиш."
Но сé се сомневаа дека ќе има многу трема
дека кралскиот поглед ќе го извади од шема.
"Оти," рече кралот, " ангел пред себе ќе видиш,
но не плаши се, мора храбар да бидеш."
Момчето рече, "Ангелот е ко свети Саво,
ќе се плашев навистина да беше таа ѓавол."
На тоа се насмеаја сите, го тапкаа по рамо
а одобрувањата никаквецот го бодреа само.
Еден лакотот си го почеша и низ смеа клетва даде
дека таков говор никогаш не бил онаден;
друг, со палецот и прстот беше виден
како пукна и викна "*Via!* Ќе биде што ќе биде!;"
Трет скокна во вис, вревна, "Ко подмачкано оди!"
Четврт на стапало се сврте и на земја се сплоти.
Потоа сите на земја се спружија ко стока
и се кикотеа во неподнослива тока
така што жолчката ќе им пукнеше од смеа
да не почнеа солзи лудачки да им се леат.

Принцезата

Значи, велиш, во посета сега ни идат?

Бојет

Ви идат, ви идат; и облечени се за да бидат
ко Московјани или Руси, или нешто слично.
Намерата им е низ игри, додвори, беседење лично,
љубовен да остварат подвиг кај своите дами
што по даровите ќе ги препознаат сами.

Принцезата

А значи така? Тогаш ќе се најдат на мака,
зашто, дами, ќе се преправиме сите така,
што ниеден од нив не ќе има можност
лицето да ни го види, да ја исполни својата должност.
Еве Розалина, овој дар стави го на себе
па кралот место мене ќе ти се додворува тебе;
ти земи го овој а мене дај ми го твојот, мила,
па Бирон мене ќе ме смета за Розалина.
Даровите сменете ги; па секој додворувач ќе биде сведен
на друга да се додворува, од замената заведен.

Розалина

Тогаш ајде; нека дарот убаво се гледа.

Катарина

Со замената, какви намери следат?

Принцезата

Намерата е нивната намера да се спречи:
секој што се подбива на време треба да се лечи;
подбивот со подбив треба да се врати.
Секој од нив она што на срце му лежи
на друга ќе го открие она што му тежи
па со него шега ќе се тера кога ќе дојдат
без маски убаво со нас да си пројдат.

Розалина

А дали да играме со нив ако нé поканат?

Принцезата

Не; ни случајно па макар мајмуни да станат.
А и на говорите набабрени да писнеме нема
па тие нека баботат ние ќе сме публика
нема.

Бојет

Таквиот презир срцата ептен ќе им ги кине
и ниеден со говорот нема да мине.

Принцезата

Тоа баш и го сакам; сомнение немам
дека говорот ќе сопре еднаш прекинат,
земан.
Нема подобра шега од шегата со шега
надитрена; го земаш туѓото, а и твоето не ти
бега.
Значи остануваме, со подбив никој нема да
нé мези
тие ќе доживеат подбив, ќе ги направиме
резил.
(Звуци на труби.)

Бојет

Маскирајте се, маскираните идат.
*(Влегуваат Црнци со музика; Молец со
говор; Кралот и другите лордови маски-
рани како руски велможи.)*

Молец

Поздравени бидете, убавини најраскошни на
светот!

Бојет

Убавини не пораскошни од раскошните
дулаци.

Молец

Свет собору од најубави дами,
(Дамите му го вратат грбот)
што некогаш ги свртеле - грбовите- на зем-
ните дела!

Бирон

Очите, гаду, очите.

Молец

Што некогаш ги свртеле очите на земните
дела!
Надвор -

Бојет

Така е, надвор, навистина.

Молец

Надвор од стравот, боженствени дуси, сме-
кнете
и не нé погледнувајте

Бирон

Погледнете нé, глупаку.

Молец

Погледнете нé со своите синозрачни очи, -

Бојет

Тешко ќе го примат овој комплимент,
подобро да кажевте ќеркозрачни очи.

Молец

Не ми обрнуваат внимание и тоа ме вади од
такт.

Бирон

Ова е сé што можеш? Да те нема, апаш низа-
еден!
(Излегува Молец.)

Розалина

Што сакаат туѓинциве? Види, Бојет.
Ако говорат по нашки, нека некој
меѓу нив едоствано ни каже што сакаат;

дознај што бараат.

Бојет

Што барате од принцезата?

Бирон

Ништо, само мир и посета благородна.

Розалина

Што велат дека бараат?

Бојет

Ништо, велат, само мир и посета благородна.

Розалина

Па тоа и го имаат; кажи им да си одат.

Бојет

Вели, дека тоа и го имате па сака да си одите.

Кралот

Кажете ѝ дека многу измеривме милји
за по некој чекор во такт да измериме
на тревава.

Бојет

Велат, многу измериле милји
за по некој чекор во такт да измерат
на тревава.

Розалина

Не е точно. Нека кажат колку палци
има милјата; ако измериле многу
тогаш лесно може да се измери една.

Бојет

Ако до овде сте измериле толку милји,
толку многу милји, принцезата ве прашува
колку палци во една милја има.

Бирон

Кажете ѝ дека меревме со тежок чекор.

Бојет

И самата слуша.

Розалина

Колку значи чекори тешки
во многуте тешки милји што ги минавте
измеривте дека ги има во една милја?

Бирон

Ништо не броиме што е потрошено за вас;
должноста ни е толку богата, бескрајна
толку,
што ја извршуваме без никаква мерка.
Откријте ни го сјајот на вашето лице
за ние, ко дивјаци да го обожуваме.

Розалина

Ликот ми е месечина, под облак сега што
плива.

Кралот

Блазе си му на облакот таков лик што
скрива.
Тргни го облакот, месечино, па со ѕвездите
блесни
и откриена во водниве очи плесни.

Розалина

О молителу суетен! Побарај друго чаре,
вака само сјајот месечински во вода ти е
ќарен;

Кралот

Тогаш играта нека го смени она што е
трудно

бараш да барам а барањето не ми е чудно.

Розлаина

Тогаш нека свират! Брзо, брзо нека денат.
Но, не! Не играм. И јас се вртам ко месечинска
мена.

Кралот

Не играте? Што ве тера така да се бега?

Розалина

На полнеж дојдовте, изедина е сега.

Кралот

Но пак си е месечина, а јас она што си бев.
Музиката свири; и движења треба да следат.

Розалина

Со уши ја следам.

Кралот

Би требало со нозе.

Розалина

Бидејќи сте странци и овде сте случајно
еве ви рака, но нема да играм. Тоа е крјано.

Кралот

Зошто тогаш рака?

Розалина

За разделба пријателска.
Учтивост пред сé и завршува секоја мерка.

Кралот

Проширете ја мерката, устата ми фати пена.

Розалина

А, повеќе не може по старата цена.

Кралот

Кажете ја новата: колку друштвото чини?

Розалина

Колку отсуството ваше.

Кралот

Не доаѓа предвид.

Розалина

Но не можете ни да нé купите; па, збогум сега;
два бакнежи за маската, еден за оној зад неа!

Кралот

Ако не ви се игра, да зборуваме барем.

Розалина

Само под услов еден.
Во четори очи.

Кралот

Условот е извонреден.
(Разговараат на страна.)

Бирон

Белорака госпоѓице, збор сладок би ви рекол.

Принцезата

Еве ви веднаш три: шеќер, мед и млеко.

Бирон

Две табаки тогаш, а ако сте толку фина коцката нека игра: шербет, шира и медовина веќе шест слатки нешта.

Принцезата

Седмо слатко нешто, збогум. Мене
коцкар раскалашен не може да ме плене.

Бирон

Само збор на страна.

Бирон

Не сладок белким.

Бирон

Во жолчката ме боцкаш.

Принцезата

Во жолчката? Баш пелин.

Бирон

Затоа дојдете.
(Разговараат на страна.)

Димен

Дали би сакале да поразговараме малку?

Марија

Поразговарајте.

Димен

Убава дамо.

Марија

Велите? Убав господине,
дали ќе сме рамо до рамо
ако вака ви возвратам?

Димен

Може ли збор-два на само?
Веднаш потоа одам.

(Разговараат на страна.)

Катарина

Што? Зарем маската ви е без јазик?

Лонгавил

Ја знам причината, дамо, зошто велите вака.

Катарина

Ја знаете? Тогаш кажете ја! Претворена сум во уво.

Лонгавил

Вашата маска двојазично носи руво,
а мојата, нема, ни половина од тоа не меле.

Катарина

Феле? вели Германецов. Не е феле теле?

Лонгавил

Теле е, убава дамо.

Катарина

Не е, убав господине теле.

Лонгавил

Да го поделиме зборот.

Катарина

Не сакам половина да ви бидам.
Задржете го цело, може догодина вол ќе ве видам.

Лонгавил

Ама грдо ви стојат досеткиве.
Ко рогови да набивате! Дама не гази ни на мрава.

Катарина

Тогаш умрете ко теле без рогови на глава.

Лонгавил

Не пред да разменам збор-два со вас.

Катарина

Тогаш мукајте тихо; касапот познава по гласот.
(Разговараат на страна.)

Бојет

Јазикот зајадлив на девојкиве толку остер му иди
ко што е остро сечилото невидливо на бричот,
што сече поситно влакно од што може да се види;
смислата над смислите им ја фаќа умот; толку сила
во него се крие; досетките им носат итри крила
поитри од стрели, куршуми, ветришта и мисли.

Розалина

Замолчете, девојки, ни збор повеќе, ни цувка!

Бирон

Помош господа, зар не гледате нé направија пуфка?

Кралот

Збогум, девојки швркнати; прости сте во умот!

Принцезата

Збогум Московјани; гледам ви се смрзна кумот.
(Излегуваат Велможите и музиката.)
Ова ли се умовите на кои гледавме со восхит?

Бојет

Свеќи се тие што духот ваш сладок ги згасна.

Розалина

Ко кралот се во умот: горопадни, мрсни ноќви.

Принцезата

О сиромаштијо во умот, шего кралска бед-норасна.
Зарем нема, што мислите, да се обесат уште ноќва?
Или вечно лицата под маски да им бдеат?
Ама од ѓонија излезе Бирон сиот.

Розалина

Море за жалење сите до еден беа.
Кралот тешко збор прикладен можеше да најде.

Принцезата

Бирон се откажа од сите молби. Да пукнеш!

Марија

Димен во робовски пранги сакаше да зајде: нема фајде, му реков, а тој ни збор да гукне.

Катарина

Лордот Лонгавил ми рече дека на срце му тежам
и знаете како ме нарече?

Принцезата

Веројатно мрежа.

Катарина

Навистина, баш така.

Принцезата

Не дај боже на срце да му лежам!

Розалина

Обичен калфа знае многу поитро да враќа.
Но знаете што? На љубов ми се заколна кралот.

Принцезата

А умниот Бирон на верност до гроба.

Катарина

А Лонгавил дека ќе ми робува до века.

Марија

Димен е мој ко стадото што е на некој чобан.

Бојет

Госпоѓо, госпоѓици лични, ко срцево што чука
сигурен сум дека наскоро пак ќе дојдат тука
и тоа овојпат без маски; зашто многу е болно
да се проголта лесно унижувањето долно.

Принцезата

Мислите ќе се вратат?

Бојет

Да, да, зашто Бог сака;
и ќе скокаат од радост иако алипни од мака;
затоа даровите сменете ги; и кога ќе дојдат, ете,
цветајте ко трендафили нежни набујатени лете.

Принцезата

Да цветаме? Како? Зборувајте без дупки.

Бојет

Убавите дами, под маски, се само мили пупки
но без нив, штом лицата им засветат рујни
ангели се од облаци што милат или трендафили бујни.

Принцезата

Немојте, ви се молам! Кажете како да се кудат
ако се вратат и без маски љубов ни понудат?

Розалина

Госпоѓо добра, што се однесува до мене,
јас сум да продолжиме со шегата, иако ликот им е сменет,
да им кажеме, на пример, дека шутраци едни облечени ко Московјани, во алишта бедни,
дојдоа овде па сме се прашувале во чудо
кои се, што се и што наумиле лудо
со плитките умотворби набубани глупо
со нивното однесување, простачко, тупо
раскљавтени неконтролирано ко некој да им се плаши
овде, на лединава, пред шаторите наши.

Бојет

Госпоѓици, повлечете се; идат саканите сега.

Принцезата

Брзо во шаторите. Ко срна по поле што бега!
(Излегуваат Принцезата, Розалина, Катаринаа и Марија.)
(Влегуваат Кралот, Бирон, Лонгавил, и Димен, без маски.)

Кралот

Бог нека ве брани, господине! Каде е принцезата?

Бојет

В шатор. Дали вашето величество
некаква порака да ѝ пренесам таму?

Кралот

Дека сакам збор-два нејзе да ѝ кажам јас.

Бојет

Веднаш, господару, а знам и таа ќе рече да.
(Излегува.)

Бирон

Овој човек досетки клука, ко гулаб просо,
па од клун ги спушта ко сé да му е пред
носот.
Цар е на досетките па широкоградо ги дари
на седенки, собири, панаѓури, пазари;
а ние што пазарима ангро, само бог знае
зошто сме скудни со нив, да се покажеме кај
и да е.
Дури и девојките од ракав му пасат трева
да беше Адам ќе ја излостеше и Ева.
А знае и да касапи, да збори; а и му иде
сам раката да си ја бакне, само љубезен да
биде.
Мајмун на правилата, м'сје Финец,
па дури и кога губи на табла, прекорува,
сине,
со зборови фини; а и гласот среден
знае средно да го пее оти и за тоа е вреден!
И никој не му забележува; за дамите е драги,
скалите му ги љубат неговите траги.
Овој е цвет што секому насмевка лоска,
бел во забите ко бела китова коска;
и секој што не сака да умре ко должник на
свет ќе го викаат меденоречивиот Бојет.

Кралот

Јазикот меден да му се испишти, така ќе ми
плати сметка
што пажот на Армадо се збуни во улогата и
се сплетка!
*(Влегуваат Принцезата, во придружба
на Бојет; Розалина, Марија, Катарина и
придружба.)*

Бирон

До каде се стигна! Ставо, што беше еднаш
дури зевзеков не те зезна? А сега си бедна!

Кралот

Здравје ко град, принцезо слатка и ден
дивен!

Принцезата

Град и убав ден, смешно, велам.

Кралот

Скројте ми го говоров кроток а здивен!

Принцезата

Посакајте ми подобро; дозвола, еве, ви
делам.

Кралот

Дојдовме да ве посетиме
а имавме ниет
во дворот да ве поведеме; речете само, важи.

Принцезата

Лединава е добра за
мене и за вашиот завет
ни господ ни јас не сакаме кривоклетни
мажи.

Кралот

Не корете ме мене, за вината вие бевте
пророк:
доблеста на вашите очи ја скршија мојата
верба;

Принцезата

Грешите за доблеста; сте ја смешале со порок,
кој е доблесен не ја крши својата определба.
Сега, со честа девствена, толку чиста
ко неизвалкан замбак, се колнам,
цел свет да издржам од маки триста
но кај вас в дом не влегувам ко гостинка долна.
Толку мразам за кривоклетство да слушам
за скршен завет даден цврсто од душа.

Кралот

О, во пустошов пребивавте вие,
невидена, непосетена, резил прав на векот.

Принцезата

Се лажете, господине; не беше така, се колнеме ние;
прекрасно си минавме, со забавен чекор.
Една четворка руска баш си замина сега.

Кралот

Каква, каква, госпоѓо?

Принцезата

Руска, господару, руска, ви велам.
Мажишта прави, благородни, со нега.

Розалина

Госпоѓо, кажете ја вистината. Не е така, ви велам
господару. Госпоѓата моја, ненавикната на жалби
од љубезност дели незаслужени фалби.
Навистина четворица кај нас четирите беа
облечени ко Руси; и трпевме цел час реа
од недоветни шеги; и за сето време, боже
глупости тресеа но што се може;
не велам дека шутови беа, но кога би биле
жедни, тврдам, ко шутраци би се напиле.

Бирон

Досеткава е непитка за мене. Убавице мила,
мудро мудроста ја правите гнила;
кога грее огненото небесно око,
од сјајот го губиме видот; па тогаш љоко
изгледа мудриот, богатиот чиста беда
зашто ризници многу доблестите ви вредат.

Розалина

Значи богати сте и мудри но ко што гледам-

Бирон

Будала сум, будалесто полн со беда.

Розалина

Кога не би сте го краделе она што ми припаѓа мене
би била мана зборот од уста да ми се зема.

Бирон

О, јас сум ваш и ваше е сé што имам.

Розалина

Што, цела будала?

Бирон

Друго немам што да се прима.

Розалина

Која од маските ја носевте вие?

Бирон

Каде? Кога? Која маска? Што е сега?

Розалина

Таму, тогаш, онаа маска; она прекумерно нешто
што доброто го покажа криејќи го лошото вешто.

Кралот

Нѐ фатија; сега ќе нѐ сторат пуфка.

Димен

Да признаеме па шега од сѐ нека чувка.

Принцезата

Збунети сте, господару? Зошто сте толку скиснат?

Розалина

Помош! Шамивче влажно ставете му на чело.
Морска болест доби идејќи од Москва.
Шизна!

Бирон

Вака паѓаат чуми за богохулно дело.
Има ли отпорно лице па макар од бронза?
Еве ме, госпоѓо, стрелај врз мене право;
со презир жегни ме, збуни ме ко ѓавол;
прободи ме со умот бистар во незнаењето мое
на парчиња исечи ме со потсмевот вечен;
за игра не ќе те молам, не сум за тоа скроен,
ниту пак по московски ќе бидам облечен.
О, никогаш веќе нема да мрморам сцени
да пелтечам ко ученице лична творба лесна
ни маска од пријателот глупо да ме плени
ни во стих љубов да нудам, ко во од слеп харфист песна
рими да редам, свилени изрази кревки,
хиперболи во три купа, страста да ја цепам,
фигури стилски да цедам; овие муви летни
ко ларви од црвја за мене се лепат.
Но сега од сѐ ова се откажувам и се колнам
во ракавицава бела (бела е ракава, бог знае)
дека од сега срцето ќе ми нуди или бара љубов
само со грубо “да” или со реско “не”; за кој и да е.
Затоа девојко, грубо ти велам, без смешка,
љубовта за тебе ми е цврста, без пукнатина или грешка.

Розалина

Само, ве молам, без овие “без”.

Бирон

Уште сум ко молец
со стар манир; трпение малку, имам болест;
што полека ќе ми мине. Живи богородица,
напишете “Господ нека ни се смили” на оние тројца
тие се заразени, на срцата им лежи
таа црна чума што во очите ваши тежи;
фатени се господава; а и вие не сте чисти
зашто божјиот белег од челата ви вришти.

Принцезата

Барем се извлекоа тие што белег ни сторија нам.

Бирон

Пропаднавме; ни господ не може да нѐ извлече сам.

Розалина

Не е така. Оти како може да е верно,
вие да изгубите а вложивте неимоверно?

Бирон

Ве молам! Со вас веќе загубив прекумерно!

Розалина

И јас со вас, колку што се знам, ако е по мое.

Бирон

Секој за себе: духот ми е исцрпен и со лунки доен.

Кралот

Научете нѐ, госпоѓо мила, на убаво извинение
за грубиот престап.

Принцезата

Поубаво од признание
нема. Не бевте ли пред малку маскирани овде?

Кралот

Бев, госпоѓо.

Принцезата

А дали со умисла бевте?

Кралот

Бев, госпоѓо лична.

Принцезата

А кога овде ја најдовте сама
што ѝ шепотевте на увото на вашата дама?

Кралот

Дека повеќе од цел свет таа ми значи.

Принцезата

А кога ова ќе го прифати, ништо нема да ви значи.

Кралот

Не, жими честа.

Принцезата

Полека! Полека! Уште е пресно;
еднаш прекршен, по вторпат заветот се крши лесно

Кралот

Презрете ме ако овој завет го скинам.

Принцезата

Секако; чувајте го затоа. Розалина,
што ви шепотеше на уво оној Русин - сила?

Розалина

Госпоѓо, се колнеше дека многу сум му мила ко виделцето скапоцено, и дека сум вредна повеќе од светов; и уште се заколна така дека ќе се ожени со мене или ќе умре ко мој сакан.

Принцезата

Тогаш радост со него нека ве прати! Господинов од дворот
се завети чесно дека ќе се држи до зборот.

Кралот

Што сакате да кажете, госпоѓо? Нека станам авет
ако на госпоѓава сум ѝ дал таков завет.

Розалина

Но ми дадовте, се колнам; и за потврда веднаш
ова ми го дадовте; но еве, ви го враќам.

Кралот

Дарот и заветот на принцезата ѝ ги дадов:
ја познав по билјурот на ракавот закачен радо.

Принцезата

Простете, господине, но билјуров на нејзиниот
беше ракав,
а лордот Бирон, да ми прости, беше мојот сакан.
Билјурот си го сакате или ме сакате мене?

Бирон

Ни едно ни друго; ниедно нема да ме плене.
Сега сосем ми е јасно; договор паднал
кога ја откривте однапред шегата јадна
да ја претворите во лакрдија долна.
Некој гласоплеткач, некој лигуш, некој кодош,

некој пљампач, некој квази витез, некое копиле лошо,
кому устата му е растегната вечно а знае како
шега за госпоѓата да склепа кога ѝ е драго,
однапред намерите ни ги открил; на знак на врагот
госпоѓите даровите ги смениле, а потоа ние
следејќи го знакот, место саканата наша, тие,
даровите сме ги проселе. И маката да ни е потешка
пак заветот го скршивме по своја волја иако по
грешка.
Вака беше, тврдам: - *(На Бојет)* Зарем вие, господине смерни
не нé откривте па пак нé сторивте неверни?
Зарем не сте махер за секоја дама?
Со насмев да ѝ пријдете кога е сама?
Да застанете меѓу огништето и неа
и табаката да ѝ ја принесете со смеа?
Вие пажот ни го пресековте: о, сé ви е дозволено вам,
умрете кога ви е волја, со сукња на глава, сам.
Попреку ме гледате, не? Тоа окото ваше ранува ко оловен меч.

Бојет

Весело ова наше
збиднување беше, смело, велам, иако грешно.

Бирон

Еве го, пак се кострешиш! Но реков! За говор повеќе нема место!
(Влегува Торлак.)
Барду на остроумието, здраво! Ти раздели два
петла!

Торлак

О, господару, господине, прашуваат тие, дали трите знаменитости да дојдат овде или не.

Бирон

Што, само три се?

Торлак

Не, господине, оти ако по право сметаме, секоја една претставува по три.

Бирон

А трипати по три се девет.

Торлак

Не баш, господине; ќе ми простите, господине, ама
мислам дека не се. Оти кога ќе пресметаме, господине, ве уверувам, господине, дека знаеме
што знаеме, мислам, господине, трипати тројно,
господине,-

Бирон

Не е девет.

Торлак

Ќе ми простите, господине, ние знаеме кога треба
да се стигне до таа цифра.

Бирон

Види, жити господ, секогаш сум сметал дека трипати по три се девет.

Торлак

О господару, господине! Срамота е живеачката
да си ја заработувате со сметање, господине.

Бирон

Колку се, значи?

Торлак

О господару, господине! Па самите улоги, односно
глумците, господине, ќе покажат колку ќе испадне;
што се однесува до мене, господине, јас треба, како
што велат, да средам само еден тип, да си замислам
само едно бедно суштество, Пумпеј Големиот,
господине.

Бирон

Ти си еден од величенствените?

Торлак

Така сакаа, господине, да ме сметаат за доволно
голем да го играм Пумпеј Големиот; што се однесува до мене, не знам колкава е величината
на овој великан, но јас треба да го претставувам него.

Бирон

Оди, нека се подготват.

Торлак

Фино, господине, ќе изиграме; ќе се потрудиме,
мислам.
(Излегува.)

Кралот

Бирон, ќе нé посрамотат; не пуштајте ги ваму.

Бирон

Веќе сме доволно посрамотени, господару; вака
барем имаме гаранција дека некој ќе изведе полоша претстава од кралот и неговата дружба.

Кралот

Велам да не идат.

Принцезата

Не, господару, дозволете сега да биде по мое,
најдобрата шега исходиштето не го знае свое,
кога некој со жар по одличност силно запне
тој жар редовно одличноста ќе ја лапне;
збрката најдобро се вообличува во шега
не кога е готова туку кога се мачи, стега.

Бирон

Точно ко нашата шега, господару.
(*Влегува Армадо.)*

Армадо

Миропомазан, те молам да дадес во рашход онолку кралски здив колку сто е потребен да се казат неколку сбора.
(Говори со кралоṫ и му ṗредава ṗисмо.)

Принцезата

Дали човеков му служи на бога?

Бирон

Зошто прашувате?

Принцезата

Зборува како да не е од бога створен.

Армадо

Тоа е едно те исто, убав мој, сладок, меден владару;
зими сé, тоа даскалце е свркнато од мерата надвор;
и суетно, суетно; многу, многу суетно: ама сé оставаме, како сто се вели, на *fortuna de la guerra*, на
воената среќа. Посакувам спокојство на твоето, над
сé надкралско величество. *(Излегува.)*

Кралот

Изгледа добро ќе бидат претставени величенствените. Тој го игра Хектор од Троја; момчето, Помпеј Велики; пароxискиот свештеник
Александар; пажот на Армадо Херкул; учителот Јуда Макавејски. И ако четворицава успеат во
првата појава, четворицава ќе се преоблечат и ќе
ги играат другите петмина.

Бирон

Петмина се и во првата појава.

Кралот

Не, се лажеш.

Бирон

Даскалот, фалбацијата, надри-попот, шутот и
момчето:-
Се кладам дека по цел свет да ги бараш вакви петмина не ќе најдеш, толку различни се
и своеглави.

Кралот

Развеани се сите едра, и еве го пред нас стига.
(Влегува Торлак како Помпеј.)

Торлак

Помпеј сум јас, -

Бирон

Лажеш, ти не си тој в кајак.

Торлак

Помпеј сум јас, -

Бојет

Можеби, ама некој Помпеј - зајак.

Бирон

Добро срочено, мајтапџијо: може и пријател да ти станам.

Торлак

Јас Помпеј сум, Помпеј наречен Големиот, -

Димен

Велики.

Торлак

"Велики" де, господине. Помпеј наречен Велики;
што често на мегдан, со штит на душманот пот му вадев, сетики;
и патувајќи по брегот, случајно сум овде ко лија
па оружјето го полагам пред нозете на момево
слатко од Франција.
Ако господството ваше, "фала ти Помпеј" каже
јас би бил готов.

Принцезата

Фала ти многу, Помпеју голем.

Торлак

Не е, признавам, од којзнае каква вредност, но
се надевам, дека бев совршен. Само згрешив малку
во она "велики".

Бирон

Ќе си плукнам в капа ако Помпеј не се покаже
како најдобриот величенствен.
(Влегува пречесниот Натаниел како Александар.)

Натаниел

Кога бев на свет, светски бев командер,
на исток, запад, север, југ, ја ширев својата власт;
грбот мој јасно ви кажува дека сум Алисандер,-

Бојет

Носот ви кажува дека не сте: прав е по раст.

Бирон

Вашиот нос душка "не", витезу со истенчен пласт.

Принцезата

Освојувачот нешто се тресе. Продолжи Алисандер.

Натаниел

Кога бев на свет, светски бев командер, -

Бојет

Така е, навистина, ти беше, Алисандер.

Бирон

Помпеј Велики, -

Торлак

Само службено инаку Торлак.

Бирон

Одведи го освојувачот, Алисандер.

Торлак

(На Натаниел) О! господине, вие го сотревте и го симнавте од престол големиот Александар. За ова srцките ќе ви ги извадат зад завеса. Вашето лавче, што држи боздоган седнато во столче, ќе му го дадат на Ајант; тој ќе биде деветтиот величенствен. Освојувач а се плаши да говори! Срам да ти е Алисандер, да те нема! *(Натаниел се повлекува,)* Ете, гледате, да простите: шврката мека душа; чесен човек, нема што, но штом излезе на сцена, нозете му се сечат! Инаку како комшија е прва лига, а и за куглање е цар; но како Алисандер, е тука запна, малку улогата му излезе од шема. Но идат другите величенствени и тие ќе бидат како што треба.

Принцезата

Застани на страна, добар Помпеј.
(Влегуваат Холоферн како Јуда и Молец како Херкул.)

Холоферн

Ова момче големиот Херкул го игра,
чија ластагарка го уби Кербер, троглавиот *canus*,
а кога беше мал, доенче уште, дете,
змии вака давеше со неговата *manus*.
Quoniam сега ко недоносенче е овде
ergo простете за сé што беше до овде.
Малку направи се важен, па да те нема.
(Излегува Молец.)
Јуда сум јас, -

Димен

Јуда!

Холоферн

Не Искариотски, господине.
Јуда сум јас, од милост замилен ко Макавеец.

Димен

Замилениот Јуда Макавејски е правиот Јуда.

Бирон

Предавник што бакнува. Како ќе стигнете до Јуда?

Холоферн

Јуда сум јас, -

Димен

Тогаш за поголем сте резил, Јудо.

Холоферн

Што сакате да кажете, господине?

Бојет

Што го натеравте Јуда да се обеси.

Холоферн

Сетете се, господине. Вам ви е попрво.

Бирон

Одлично. Јуда и се обеси на дрво.

Холоферн

Главата нема туку така да ми падне.

Бирон

Мислиш дека имаш глава?

Холоферн

А што е ова?

Бојет

Врат без глава.

Димен

Глава на шнола.

Бирон

Мртвечка глава на прстен.

Лонгавил

Глава на стара римска пара одвај видлива.

Бојет

Рачка од мечот на Цезар.

Димен

Изгравирано ѓон-лице на пагурче.

Бирон

Профил на Свети Ѓорѓи на некој брош.

Димен

Да и тоа на оловен брош.

Бирон

И тоа носен на врвот од забарски клешти.
А сега, терај; ете стигна до самата глава.

Холоферн

Како кога ептен останав без глава?

Бирон

Зарем малку со нив те заглавивме?

Холоферн

Првин ме заглавивте а потоа ме обезглавивте.

Бирон

Да си лав, истото ќе те снајдеше.

Бојет

А бидејќи е магаре, нека го нема.
Значи губи се, Јудо слатка! Што стоиш ко здрвен?

Димен

На вториот дел од своето име.

Бирон

Магаре до Јуда? Значи повеќе не
Јуда Макавеец
туку Јуда Магареец.

Холоферн

Ова не е фер, не е убаво, не е смерно.

Бојет

Светло за господинот Јуда! Се стемнува, може да се сопне.
(Излегува Холоферн.)

Принцезата

Кутриот Макавеец, ама го средија ко никој.
(Влегува Армадо како Хектор.)

Бирон

Ахил, скриј ја главата; доаѓа вооружен Хектор.

Димен

Иако шегата може да ми се врати, сега весел ќе бидам.

Кралот

Хектор, во споредба со ова, беше само обичен Тројанец.

Бојет

Ама дали ова е Хектор?

Кралот

Мислам Хектор не бил олку добро изделкан.

Лонгавил

Преголема му е ногата за еден Хектор.

Димен

Ко да е телешка.

Бојет

Писките му се мали.

Бирон

Ова не може да е Хектор.

Димен

Овој е или бог или сликар; оти лицата ги менува ко чорапи.

Армадо

Марс, семоќниот, копјоносец силен
на Хектора му даде дар, -

Димен

Оревче калаисано.

Бирон

Лимон.

Лонгавил

И згора со цинет.

Димен

Не, туку со цимент.

Армадо

Тисина!
Марс семоќниот, копјоносец силен
на Хектора му даде дар, на наследникот Илионски
човек толку моќен за непрестајно да се бори
од утро до мрак вон настресникот дворски.
Тој цвет сум јас, -

Димен

Тоа нане.

Лонгавил

Таа смрдливка.

Армадо

Лорде Лонгавил, јазикот заузди си го.

Лонгавил

Уздите морам да му ги пуштам, зашто оди против
Хектор.

Димен

Да, а Хектор е загар.

Армадо

Мегданџијата сладок е мртов и гнил; пилиња слатки, не колвајте ги коските на погребаниот;
дури му цукаше срцето, тој бесе човек. Но јас ќе туркам до кај сто ми стига умот;
(На принцезата) Велиците слатко,
подарете ми го васето сетило за слух.
(Бирон истапува напред.)

Принцезата

Говори, храбар Хекторе; ние сме многу одушевени.

Армадо

Ја обозувам влецката на твоето слатко господство.

Бојет

Ја сака на стапала.

Димен

Зашто не може на аршини.

Армадо

Овој Хектор во сé го надминуваше Ханибал, друштвото е на пат -

Торлак

Батка Хектор, таа е на пат; два месеца веќе.

Армадо

Сто сакас да казес?

Торлак

Сé дури не ја земете на себе улогата на чесен Тројанец, црно ѝ се пишува на кутрата девојка;
трудна е; бепчето веќе клоца во нејзиниот мев;
ваше е.

Армадо

Сакас да ме инцриминирас пред велможите? Ќе умрес.

Торлак

Тогаш Хектора ќе го камшикуваат поради тоа што
Жакенета е трудна од него, а ќе го обесат поради
тоа што Помпеј е убиен од него.

Димен

Помпеј, ти нема рамен!

Бојет

Помпеј, ти си славен!

Бирон

Поголем од големиот, голем, голем, голем Помпеју! Помпеју грамаден!

Димен

Хектор се тресе.

Бирон

Помпеј се распалил. Масло во огнот! Масло во
огнот! Шилкајте ги! Шилкајте ги!

Димен

Хектор ќе го предизвика.

Бирон

Да, па макар и да нема машка крв в стомак доволна да надои една болва.

Армадо

Жими северниот пол, ќе те предизвикам.

Торлак

Нема да се борам со пол. Не сум Нордиец: има да те смачкам и тоа со меч. Ве молам позајмете ми го она мое оружје уште еднаш.

Димен

Место за запалените величенствени.

Торлак

Ќе се бијам по кошула.

Димен

Бестрашен Помпеју!

Молец

Господару, дозволете да ве смирам и вразумам.
Не гледате дека Помпеј се соблекува за битка?
Што ви паѓа на ум? Ќе ви отиде угледот по петлите.

Армадо

Господа и војници, се исвинувам; нема да се бијам
по косула.

Димен

Тоа не можете да го одбиете; Помпеј ви фрли
ракавица.

Армадо

И мозам и сакам, срцињa мои слатки.

Бирон

А од која причина?

Армадо

Голата вистина е дека немам косула. Одам во
волнено, по казна.

Бојет

Така е; а таа му е изречена во Рим кога снема
платно; и од тогаш, можам да се заколнам, не носи
ништо освен една пачаврa од Жакенета и тоа покрај срце ја носи како амајлија.
(Влегува господин Маркад, гласник.)

Маркад

Бог нека ве штити, госпоѓо!

Принцезата

Добро ни дојдовте, Маркад,
но забавата ни ја прекина.

Маркад

Жал ми е, госпоѓо; зашто вест јас носам
што на јазик ми тежи. Кралот, вашиот татко

Принцезата

Умрел, бог да го прости!

Маркад

Токму така; тоа имав да кажам.

Бирон

Одете величенствени! Сцената се облачи.

Армадо

Што се однесува до мене, сега дисам слободно.
Го видов денот на неправдата низ дупцето на разумот, па ќе си добијам задоволување како војник.
(Излегуваат величенствените.)

Кралот

Како се чувствувате, величество?

Принцезата

Подгответе сé, Бојет; патувам вечерва.

Кралот

Не одете, госпоѓо; останете, ве молам.

Принцезата

Подгответе, велам. Ви благодарам на сите за сиот ваш напор; а од мојата душа, штотуку ожалостена, срдечно ве молам со мудроста обилна да ни простите или сосем да ја скриете слободата што си ја дадовме на духот,
што бевме пресмели во однесувањето наше при разговорот а за што виновна беше питомоста ваша. Збогум, благороден лорду! Штом товар имате на срце, јазикот не е учтив.
Простете што благодарноста ми е толку штура
за штедрото исполнување на барањето крупно.

Кралот

Исклучителните мигови исклучителен начин наложуваат таму кајшто ита од нештата текот,
и често, токму при крајот, разрешка носат на она за кое, инаку, многу време треба;
па иако на образот липа родителска тага
и го забранува љубезниот љубовен насмев,
којшто вака никако не би можел да убеди,
сепак љубовната понуда што течеше овде
нека не ја прекине и скршне облакот од тага
од намерата првобитна; зашто, нема корист
од тага по загубените пријатели колку што има
место за радост по пријателите стекнати сега.

Принцезата

Не ве сфатив. Премногу сум тажна.

Бирон

Искрениот, едноставен збор најдобро стига
до нажаленото уво; вака подобро ќе го сфатите
кралот.
Поради вас, времето ни беше деветта грижа,
и грешно си поигравме со дадениот завет.
Дами,
убавината ваша, нé изобличи и возбудата ни ја

сврте
дури и кон несаканиот крај на намерите наши;
а и смешно на нас изгледаше тоа, -
ко љубовта што е сета полна неприкладни струни;
раскалашена ко дете, палава па дури луда;
сета вообличена од окото па ко некое око
преполна слики необични, облици, настроенија
чудни,
секогаш привлечена од нешто друго
ко окото што скока со погледот од предмет на предмет;
па доколку земајќи ја палавоста љубовна
ко плашт од пајак на себе, ги извалкавме
во вашите очи достоинството наше и честа,
на тоа, знајте, нé наведоа небесните ваши очи
загледани во грешките наши. Затоа, дами,
бидејќи љубовта наша е ваша и грешките што
љубовта ги прави се исто ваши; згрешивме кон
себе
и грешејќи еднаш сакаме да сме вечно верни
кон оние што нé наведоа на тоа, - кон вас, убави
дами;
па дури и ова неверство, грев само по себе,
вака се чисти и се претвора во доблест.

Принцезата

Ги примивме вашите писма полни љубов,
вашите дарови, гласниците на љубовта;
и на нашиот моминski собир, ги оценивме веднаш
ко додворување, љубезност, пријатна шега,
боmaста красноречивост за времето да се скрати.
Поголема важност од оваа што ви ја кажав
не им придадовме; затоа изливите љубовни ваши
ги сфативме според изгледот нивни. Како шега.

Димен

Писмата наши, госпоѓо, искажуваа повеќе од шега.

Лонгавил

А исто и погледите наши.

Розалина

Ние не ги ценевме така.

Кралот

Барем сега, во последната минута на часот,
ветете ни ја вашата љубов.

Принцезата

Ми се чини, прекусо време
за спогодба да се склучи што за секогаш ќе важи.
Не, господине, не, премногу грев на душа ви лежи,
премногу вина горка; затоа велам вака:
ако за љубовта моја, а причина, всушност, нема,
сакате нешто да сторите, сторете го тогаш ова:
бидејќи на заветот не ви верувам, заминете веднаш
во некој зафрлен, пустински предел,
далеку од сите задоволства на светот;
останете таму, дури дванаесетте знаци
небесни на Зодијакот не поминат сите.
Ако овој осаменички, пустински живот
не ја промени понудата дадена со крв врела,
ако ни мразот ни постот, тврдата постела,
облеката скудна,
не го свенат цутот на вашата љубов,
туку таа и низ искушенијата остане љубов,
тогаш вие на истекот од годината
дојдете и побарајте ме, побарајте ме заслужено
сосем
и, во дланкава моминска што дланката ваша
сега ја љуби, ви се колнам дека ќе бидам ваша.
А дотогаш, ќе го затворам ова ужалено
тело во домот на тагата кајшто солзи

жалосници ќе ронам за покојниот ми татко.
Ако ова го одбиеш, да се разделиме сега ко луѓе
за после на срцата да нé ни остани уѓе.

Кралот

Ако ова, или повеќе одбијам од него,
за во ласкање и спокој ги минам годините млади,
ненадејно смртта да ме згради сега!
Отсега срцево во твоите почива гради.

Бирон

А што е, мила со мене, што е со мене?

Розалина

И вие низ чистилиште да минете треба;
полни сте престапи и превари многу;
затоа, ако наклоноста моја ви треба
една година мора да ја минете без прекин
во посети мачни на болните луѓе.

Димен

А што ми се пишува мене, што мене?
Жена?

Катерина

Брада, добро здравје и чесност;
со тројна љубов ви ги посакувам триве нешта.

Димен

О, дали да кажам, ти благодарам жено моја?

Катерина

Не, господине. Една година и ден уште згора
не сакам ни збор да чујам од додворувачи без брада;
дојдете кога и кралот кај госпоѓата моја мора;
тогаш, ако сум љубов полна и вам малку ќе ви
дадам.

Димен

Дотогаш ќе ви служам искрено и верно.

Катерина

Сепак завет не давајте, да не го скршите
лековерно.

Лонгавил

Што вели Марија?

Марија

Штом дојде крајот на годината смерен
црнината ќе ја сменам со пријател верен.

Лонгавил

Трпеливо ќе чекам; но времето е долго.

Марија

Толку е послично на вас; малкумина високи
се толку млади.

Бирон

Што умува госпоѓата моја? Погледни ме мила,
Во окото мое, прозорецот на срцето мое
sирни и види колку кротка молба одговорот твој
го чека;
заповедај нешто за љубовта твоја да сторам.

Розалина

Често за вас сум слушала, лорду мој Бирон,
уште пред да ве видам и пред долгиот јазик
на светот да разгласи дека сте човек вешт за шеги;
полн зајадливост и остроумни споредби
кои не поштедуваат никого што ќе се најде
под милоста на вашиот многузначен удар;
за да се искорени пелинот од умот ваш

плоден
и мене да ме добиете, ако ви е по волја,
без што да ме добие не може никој,
вие во овие година дена катаден по везден
ќе ги посетувате молчеливите болни
разговарајќи
со тие што офкаат; а задача ќе ви биде
со сета моќ и напор на вашиот бистар дух
да ги натерате болните немоќници да се
смеат.

Бирон

Жива смеа да подбоднам во грлото на
смртта?
Невозможно; тоа не може да биде;
веселоста не може да продре до душата во
болка.

Розалина

Тоа е начин подсмевачот малку да се свести,
чие влијание свој зародиш има во она
допаѓање
неодговорно
кое на будалите му го делат слушачите
плитки.
Успехот на досетката во увото лежи
на оној што ја слуша, никогаш во јазикот
на оној што ја прави; па ако болното уво
заглушено од лелекањата на сопствената
болка
сака да ги слуша ругањата ваши, продолжете
тогаш
па ќе ве земам заедно со овој ваш порок;
но ако не сака, отфрлете го тој манир
па ќе ве најдам очистен од тој порок
и ќе бидам радосна што сте се измениле.

Бирон

Година! Добро, ќе преживеам одење по
штици!
Една година правење шеги по болници!

Принцезата

(На кралот) Е, па, мил мој кралу, останете
збогум!

Кралот

Не, госпоѓо; не ве пуштаме по пат сама.

Бирон

Не завршуваме овде ко во некоја стара
драма;
Џек не се жени со Џули; љубезниве дами
можеа шегата со комедија да ја свршат сами.

Кралот

Добро де, само година една и уште ден згора
па тогаш ќе заврши, ќе мора.

Бирон

Да, но треба и нешто и друго предвид да се
земе;
за една драма тоа ќе биде премногу време.
(Се враќа Армадо.)

Армадо

Слатко велиците ство, удостојте ме -

Принцезата

Не беше она Хектор?

Димен

Благородниот витез од Троја.

Армадо

Ќе ти ги бакнам прстите кралски и ќе зами-
нам.
Дадов на себе савет. И се саколнав на Зак-
енета
дека три години ќе орам со рало са љубов на
нејсината слатка љубов. Но исвонредно
ценета
восвисеност светла, ќе сакате ли да го цуете
сто оние двајца уцени луѓе го скршија ко

пофалба са
бувот и кукавицата? Тоа требасе да биде на крајот
од насето прикасание.

Кралот

Викнете ги бргу; ќе ги сослушаме.

Армадо

Ej!Ej! Ваму!
(Се враќаат Холоферн, Натаниел, Молец, Торлак и другите.)
Од оваа страна е Хиемс, зима, од онаа Вер, пролет:
Првото го приказува бувот, второто кукавицата.
Вер, поцни.

ПЕСНА

Пролет

Кога маргаритки шарени и синолички сини
и зумбули кревки, сребрено бели
и лалиња нежни, жолти и фини
со радост бојат ливади цели
кукавицата тогаш, од секое дрво
го исмева женетиот и вака пее прво:
Куку!
Куку, куку: о збор што непријатно
ги плаши
женетите мажи!
Кога овчарот в шупелка свири по душа
и веселите чучулиги орачот го будат
кога скок на потполошки, врани, чавки се слуша
и девојките платното летно го белат
кукавицата тогаш, од секое дрво
го исмева женетиот и вака пее прво:
Куку!
Куку, куку: о збор што непријатно
ги плашиженетите мажи!

Зима

Кога мразулци на секој ѕид висат
и краварот Дики чека да дојде Бадник
и Томевци дрва носат, одвај дишат
и млекото в дом смрзнато стига в рачник
кога крвта смрзнува и беспаќе е шуто
тогаш ноќе пее ококорен утот,
ууут-ут;
ууут, ут, веселинка веша,
дури Џоан дебелата тенџерето го меша.
0
Кога гласно ветерот дува
и разиграно режи поповата пила
и птиците дрочат во снежната рува
и носот на Мари црвен е од сила,
кога ракчињата пржени цврчкаат в пајнца луто
тогаш ноќе пее ококорен утот,
ууут, ут;
ууут, ут, веселинка веша
дури Џоан дебелата тенџерето го меша.

Армадо

Зборовите на Меркур звучат грубо
по песните на Аполон.
(Излегуваат.)

(Белешки)

[1] Играта овде е на зборот *затвор што значи и затвор како темница, зандана и затвор како запек, констипација.*

El Llanto oriental

Наслов на оригиналот:

Much Ado About Nothing

ЛИЦА:

Дон Педро, принц од Арагон
Дон Хуан, негов полубрат
Клаудио, млад гроф од Фиренца, миленик на Дон Педро
Бенедик, млад велможа од Падова, исто миленик на Дон Педро

Леонато, управник на Месина
Антонио, негов брат
Балтазар, слуга на Дон Педро
Борачио, човек на Дон Хуан
Конрад, човек на Дон Хуан

Дрен, приглуп чиновник
Талпа, исто
Писар
Свештеник
Момче
Хера, ќерка на Леонато
Беатриче, внука на Леонато
Маргарет, придружничка на Хера
Урсула, исто

Гласници, стражари, придружници.

Комедијата ***Од влакно орѫма*** првпат се појавува во 1598 година. Во кварто изданието од 1600 година, се укажува дека делото е претходно играно од групата на лордот Чемберлен. Во првото фолио издание од 1623 година главно е препечатен истиот текст од кварто изданието од 1600 година. Главниот заплет се темели претежно врз една приказна од Матео Бандело врз која се надоградени делови од *Бесниоѫ Орландо* на Ариосто.

Оваа романтична комедија, критичарите ја сметаат за сјајно но неизбалансирано дело. Главната приказна за Хера и Клаудио бледнее покрај остроумните двобои помеѓу бистрата, зборлеста Беатриче и закоравениот ерген Бенедик, ликови внесени во изворната приказна од самиот Шекспир. Дрен, Талпа и другите споредни ликови исто така измислени од Шекспир уште повеќе го одвлекуваат вниманието од главните ликови. Како што укажува и самиот наслов, нивната мака и онака не треба да се сфаќа сериозно. Постои една непреведлива игра на зборови во насловот на *Nothing-Noting,* хомоними на времето, која ја сугерира примарната тема на Шекспир: способноста да се забележи низ набљудување разликата помеѓу појавноста и суштината зад таа појавност. Драмата изобилува со незабележувања на суштината (*notings)* кои водат до лажни заклучоци. Иако лошото забележување или делумното слепило на Леонато, Дон Педро, Клаудио и Бенедик во ***Од влакно орѫма*** речиси доведуваат до трагичен крај, сепак Шекспир најмногу покажува интерес за комичните импликации што произлегуваат од лошото забележување а не од чистото гледање. Сепак, ако начинот му е комичен, намерата му е сериозна. Освен ова, неспособноста на ликовите да ја видат очигледната подлост на Дон Хуан, нивното површно разбирање на љубовта, нивната немоќ да ја сфатат суштината на сакањето и бракот, ја откриваат и нивната неизбежна морална глупост. Или, ако одиме понатаму, гледаме дека целото општество за кое говори Шекспир е полно со еден вид цивилизирана плиткост, свет наивен и неспособен да се брани пред јасно видливите канџи на злото.

Прозата, се чини намерно вметната за пластично и велелепно да ги пренесе интелигентните дуели помеѓу Беатриче и Бенедик, доминира во делото. Употребата на проза за градење на остроумен дијалог помеѓу аристократските ликови е важен нов елемент во шекспировата драма, елемент што многу критичари го сметаат за мошне влијателен во подоцнежниот развој на високата драма.

Ова е прв превод на ***Од влакно орѫма*** на македонски јазик.

Чин ПРВИ

Сцена 1

Месина. Пред куќата на Леонато.

(*Влегуваат Леонато, Хера, Беатриче и други со гласник.*)

Леонато

Писмово вели дека Дон Педро од Арагон доаѓа вечерва во Месина.

Гласникот

Многу е блиску; го оставив на десетина километри од овде кога тргнав.

Леонато

Колкумина благородници загубивте во бојов?

Гласникот

Малкумина од углед а ниеден познат.

Леонато

Победата вреди двојно кога војсководецот ја враќа војската дома жива и здрава. Гледам овде дека Дон Педро со многу почести го опсипал младиот фиорентинец Клаудио.

Гласникот

Заслугите му се големи па такви се и почестите од Дон Педро. Никој не очекуваше толку од неговата младост; лавовски дела во кожа од јагне! Навистина ги надмина очекувањата и не очекувајте од мене со збор да ви ги пренесам!

Леонато

Тој има вујко овде во Месина и многу ќе се израдува.

Гласникот

Нему веќе му предадов неколку писма и не можеше да ја скрие радоста; дури за да не испадне радоста нескромна тој ѝ удри печат на тага.

Леонато

Да не се расплака?

Гласникот

Како мало дете.

Леонато

Искрен излив на искреност. Нема поискрени лица од оние што вака се мијат. Колку е подобро да плачеш од радост отколку да се радуваш на плач!

Беатриче

Ве молам, дали господинот Боцкач се врати од бојот или не?

Гласникот

Не познавам никого со такво име, госпоѓо; таков немаше во нашата војска.

Леонато

За кого прашувате, внуко?

Хера

Братучетка ми мисли на господинот Бенедик од Падова.

Гласникот

Тој се врати добро расположен како и секогаш.

Беатриче

Тој излепи огласи низ цела Месина и го предизвика Купидона на двобој со стрели: а шутот на вујко ми, кога прочита, се потпиша како Купидон и го предизвика на двобој со боцки од трн. - Ве молам, колкумина уби и изеде во војнава? Добро, колкумина уби? Зашто јас ветив дека ќе ги изедам тие што тој ќе ги убие.

Леонато

Внуко, премногу го имате земено на заб господинот Бенедик; ама колку што го знам, ни тој нема да ви остане должен.

Гласникот

Добро се покажа во војнава, госпоѓо.

Беатриче

Да не ви мувлоса дел од храната па немаше кој да ја смавне? Мевот, знам, му е како ѓупска торба. За јадење знам дека му нема рамен

Гласникот

Ама и како војник е добар, госпоѓо.

Беатриче

Добар е војник кога пред него стои дама; но каков е кога ќе застане пред маж?

Гласникот

Пред дамата господин, пред мажот маж; полнет е со доблести.

Беатриче

Дека е полнет, не се сомневам; која е разликата меѓу полнета пиперка и полнет маж? За пиперката се знае, а со што е полнет тој? Но што се може тука, сите сме смртни.

Леонато

Не сфаќајте ја погрешно внука ми, господине; помеѓу неа и господинот Бенедик постојано се води некаква шегаџиска војна: А се сретнат веднаш се земаат на удуду.

Беатриче

Се земаме ама тој секогаш останува покус. Од најпресниот мегдан што го споделивме, четири од неговите пет ума му кидnaа ко попарени, па сега на кутричкиот му остана само уште еден колку да се разликува од неговиот коњ и да си се занесува дека сé уште е суштество што мисли. Кој му е сега другар? Секој месец има нов побратим.

Гласникот

Навистина?

Беатриче

Навистина ами како; верноста му трае колку и обликот на паларијата; ја менува со секој нов калап.

Гласникот

Гледам, госпоѓо, дека господинов ви е последен на листата.

Беатриче

Да ми беше прв, ќе ја запалев. Но ве молам, кој му е сега другар? Зарем нема некој млад

кавгаџија што тргнал со него на пат за пеколот?

Гласникот

Најчесто е во друштво со благородниот Клаудио.

Беатриче

Господе боже! Ќе му влезе под кожа како болест: позаразен е и од чума, а заразениот веднаш фаќа лудило. Господ нека му е на помош на благородниот Клаудио! Ако фатил Бенедиктис, ќе потроши цело азно пред да се излечи!

Гласникот

Сакам да останеме пријатели, госпоѓо.

Беатриче

Останете, господине.

Леонато

Вас, внуко, никогаш нема да ве фати лудило.

Беатриче

Така е! Дури ни на кукувден!

Гласникот

Доаѓа Дон Педро.
(*Влегуваат Дон Педро со Балтазар и други, Дон Хуан, Клаудио и Бенедик.*)

Дон Педро

Господине Леонато, дојдовте да си ја пречекате белјата; луѓето обично бегаат од трошок а вие си го навлекувате на врат.

Леонато

Никогаш не сум го сметал за белја вашето доаѓање; зашто кога од белја ќе се спасите, би требало да ви олесне на душа; но кога вие си заминувате, тага ме обзема, а радоста ме напушта.

Дон Педро

Многу широкоградо го сфаќате сопствениот товар. - Ова мора да е ќерка ви.

Леонато

Токму така ми велеше мајка ѝ.

Бенедик

Да не се сомневавте штом сте ја прашувале?

Леонато

Немав зошто, господине Бенедик. Вие тогаш уште бевте дете.

Дон Педро

Опаа, сам си го баравте и си го добивте, Бенедик; по ова може да се види каков сте сега кога пораснавте. Всушност, госпоѓицата сама кажува кој ѝ е татко. - Бидете среќни, госпоѓице! Зашто личите на татко достоен за почит.

Бенедик

Да речеме господинот Леонато ѝ е татко и да речеме таа личи на него, сепак тврдам дека ни за сета Месина, таа не би сакала да му ја носи главата на рамена.

Беатриче

Само вие дробете си, господине Бенедик. Никој не ве ферма.

Бенедик

Опаа, дали добро чув? Милата госпоѓица Мајтапџика? Не знаев дека уште сте живи!

Беатриче

Кај се чуло мајтапот да умре кога пред себе има толку лесен залак како што е господинот Бенедик? Дури и учтивоста се претвора во мајтап кога вие ќе се појавите.

Бенедик

Тогаш учтивоста е превртлива и нема карактер. - Но сигурно е дека сите дами умираат по мене, со исклучок на вас; а јас би сакал срцево да не ми е толку тврдо зашто, верувајте ми, ниедна не сакам.

Беатриче

Среќа невидена за жените; инаку, сиротите, ќе беа на голем зорт од еден опасен бадијалџија. Сполај му на господа и на мојата студена крв, што во ова сме исти; повеќе би слушала како кучето ми лае по некоја чавка одошто некој маж да ми се колне дека ме љуби.

Бенедик

Само вие останете си таква! Така барем еден од господата ќе ја избегне судбината да му го изгребат лицето!

Беатриче

И изгребано не би му било погрдо од вашето.

Бенедик

Ваков мајстор за папагали уште не сум сретнал.

Беатриче

Пиле што говори со мојот јазик е подобро од sверчето што говори со вашиот.

Бенедик

Камо коњот да ми беше брз ко вашиот јазик и да не покажеше замор. Но вие терајте си, господ нека ви е на помош. Јас завршив!

Беатриче

Секогаш завршувате ко клапнат коњ; не ве познавам од вчера.

Дон Педро

Значи вака стојат работите: Господине Клаудио, господине Бенедик! Леонато, мојот драг пријател Леонато не кани сите кај него. Му велам ќе останеме најмалку месец дена а тој од срце моли да се случи нешто за да останеме повеќе: можам да се заколнам дека не е лицемер и дека молбата му доаѓа од срце.

Леонато

Ако се заколнете, господару, нема лажно да се заколнете. - Ви посакувам добредојде, господару; и бидејќи се смиривте со принцот, вашиот брат, ви должам целосна почит.

Дон Хуан

Ви благодарам: не сум многу вешт на зборот, но сакам да ви се заблагодарам.

Леонато

Дали ќе сакате, господару, да одите напред?

Дон Педро

Дајте ми рака, Леонато; одиме заедно. (*Излегуваат сите освен Бенедик и Клаудио.*)

Клаудио

Бенедик, дали ја забележа ќерката на господинот Леонато?

Бенедик

Не ја забележав, ама ја погледнав.

Клаудио

Зарем не е скромна млада госпоѓица?

Бенедик

Дали ме прашувате како што би требало да праша чесен човек, за моето просто и искрено мислење или сакате да ви одговорам според мојот обичај како заколнат душман на нивниот пол?

Клаудио

Не, те молам, говори сериозно и разумски.

Бенедик

Не знам, ми се чини дека е прениска за високи фалби, прецрна за светли фалби, и преситна за крупни фалби; во нејзин прилог можам да кажам само едно: да не е онаква каква што е, би била неубава; а бидејќи е таква каква што си е, не ми се допаѓа.

Клаудио

Ти мислиш дека се шегувам; те молам, кажи ми искрено како ти се допаѓа.

Бенедик

Да не ја купувате штом вака полициски се распрашувате?

Клаудио

Зарем не е светот пресиромашен да купи таков билјур?

Бенедик

Море богат е тој да купи дури и кутивче во кое ќе се чува. Туку, сериозно ли ми зборувате? Или пак си играте мајтап за да ми кажете дека Купидон е добар душкач на зајаци а Вулкан извонреден дрводелец? Кажете ми, ве молам, на кој дур да ве фатам?

Клаудио

Во нејзе ја гледам најубавата госпоѓица на светот.

Бенедик

Јас сé уште гледам без очила и такво нешто не можам да видам. Братучетка ѝ на пример, да не е полна бесови, ја шие во убавина ко што први мај го шие триесет и први декември. Се надевам немате ниет да станете сопруг, не?

Клаудио

Да сака Хера да ми стане жена, не би си рекол себеси дека сум се заклел во спротивното.

Бенедик

Зарем до таму е дојдена работата? Зарем не остана ниеден маж на светов што не ќе ја носи шапката на рогови? Зарем повеќе нема да сретнам ниеден шеесетгодишен ерген? Тогаш, повели, слепо пикни си ја главата во тврдиот јарем, носи му го белегот и офкај во неделите ко нетокму. Гледај, Дон Педро се враќа по вас.
(*Повторно влегува Дон Педро.*)

Дон Педро

Каква тајна ве задржа овде па не дојдовте по нас кај Леонато?

Бенедик

Би сакал вашата светлост да ме присили да кажам.

Дон Педро

Ти наредувам како на човек што ми се заколнал на верност.

Бенедик

Слушате, грофе Клаудио? Јас можам да чувам тајна како нем човек, - на ова верувајте ми, но како човек што се заколнал на верност, - имајте на ум, - како човек што се заколнал на верност: - Тој е заљубен. Во кого? - Ова е улогата на вашата светлост. - Внимавајте колку му е кус одговорот: - Во Хера, кусата ќерка на Леонато.

Клаудио

Вака да било (прашано), вака и ќе беше (одговорено).

Бенедик

Ко во приказната, господару: 'не било вака, ниту било така, ама, не дај боже, да биде вака!'

Клаудио

Ако страснава љубов набргу не се промени, не дај боже да биде поинаку!

Дон Педро

Амин, ако ја љубите, зашто госпоѓицава е достојна за тоа.

Клаудио

Вака ми говорите, господару, за да се уловам?

Дон Педро

Чесен збор, го говорам тоа што го мислам.

Клаудио

Исто и јас, господару.

Бенедик

Исто и јас, господару, жими сите вери и заклетви.

Клаудио

Чувствувам дека ја сакам.

Дон Педро

Дека заслужува, знам.

Бенедик

Дека ниту чувствувам како таа треба да се љуби, нити пак знам со што таа такво нешто заслужува, тоа е убедување кое ни со оган не можат да го истераат од мене: спремен сум со него да умрам на клада.

Дон Педро

Секогаш си бил непоколеблив еретик во презирањето на поубавиот пол.

Клаудио

И никогаш не си можел да ја играш улогата до крај без тврдокорноста на својата волја.

Бенедик

Дека во жена сум зачнат, признавам со благодарност; дека жена ме одгледала и тоа најпонизно го признавам со голема благодарност; но ловци и загари да ми се собираат на чело и да не знам кај ми е главата - е, за тоа малку ќе почекаат. Бидејќи не сакам да сторам грев искажувајќи недоверба кон една од нив, ќе си земам за право на ниедна да не ѝ верувам; по што следи дека не само што поубаво ќе се носам туку и ќе си останам ерген за навек.

Дон Педро

Море ќе те видам јас тебе, уште пред да умрам, како ми припаѓаш од љубов.

Бенедик

Може од гнев, од болест, од глад, ама никогаш од љубов: ако ми докажете дека

некогаш ќе припаднам од љубов, без да можам тоа бргу да го надополнам со добра пијачка, веднаш извадете ми ги очите со перото на некој поет и обесете ме на портата од некоја јавна куќа како табла со слепиот Купидон.

Дон Педро

Ако некогаш скршнеш од оваа верба, резил на векот ќе станеш!

Бенедик

Ако скршнам, обесете ме како мачор и стрелајте во мене, а тој што ќе ме погоди, потапкајте го по рамо и наречете го Робин Худ.

Дон Педро

Добро, времето ќе покаже.
Кога тогаш и дивиот бик навлекува јарем.
(Thomas Kyd: Spanish Tragedy)

Бенедик

Дивиот бик можеби; но ако некогаш итриот Бенедик го навлече, искорнете ги роговите од бикот и насадете ми ги на чело: па нека ме залепат на табла и со крупни букви како што пишуваат *Овде се изнајмува добар коњ* нека ми напишат оздола *Овде може да го видите оженетиот Бенедик*.

Клаудио

Ако ова некогаш се случи, ќе станеш животинче, ем роглесто, ем лудо.

Дон Педро

Не, ако Купидон не се истресил сиот во Венеција, наскоро, заради ова што го рече, има да се тресеш пред него како прат.

Бенедик

Тогаш побргу и земјата ќе се затресе.

Дон Педро

Добро, со време и вие ќе се припитомите. Во меѓувреме, добар господине Бенедик, одете дома кај Леонато, препорачајте ме и кажете му дека доаѓам на вечера зашто знам дека наголемо ја спрема.

Бенедик

Мислам дека сум способен за една таква мисија. Затоа останете -

Клаудио

Со господ на помош: Од дома, - кога би ја имал-

Дон Педро

Шести јули. Искрено ваш, Бенедик.

Бенедик

Да, само мајтапете се. Предметот на вашиот разговор на места е накитен со крпчиња, но и тие украси се многу лабаво пришиени. Пред да продолжите со верглање на добро познатите излитени фрази, испитајте си ја совеста! Значи, ве оставам.
(*Излегува Бенедик.*)

Клаудио

Господару, сега помош од вас ми треба.

Дон Педро

Љубовта моја од твојата ќе учи; кажи ѝ како и ќе видиш колку спремна е да ја сфати и најтешката задача што добро ќе ти стори.

Клаудио

Дали Леонато има син, господару?

Дон Педро

Не, ја има само Хера, таа единствено

ќе го наследи; дали ја сакаш, Клаудио?

Клаудио

Господару,
уште кога појдовте на завршениов поход,
ја погледнав нејзе со војничко око,
ми се допадна, но имав погруба задача
тогаш,
па допаѓањето не стигна да созрее во љубов:
Но сега штом се вратив и штом војничките
мисли
се повлекоа молкум, на нивно место
во суриј навираат нежни, милни страсти
што ми велат колку убава е младата Хера
и колку сум ја сакал пред да заминам во
бојов.

Дон Педро

Веќе се однесуваш ко заљубен човек,
и слушачот го заморуваш со море зборој:
Ако ја сакаш убавата Хера, сакај ја!
Ќе зборувам со неа и со нејзиниот татко
и ти ќе ја имаш. Па нели баш поради ова
толку красна приказна ми разврза?

Клаудио

Колку нежно љубовта ја исцелувате,
познавајќи ѝ ја раната по самиот изглед!
Но за да не се чини дека пребрзо ја добив,
со мелем од зборови пробав да ја лечам.

Дон Педро

Зошто мостот да е поширок од текот?
Најдобар дар е она што е требно.
Само соодветното служи; јасно е, заљубен
си;
а јас соодветниот лек ќе ти го снабдам.
Знам дека вечерва ќе има гозба;
под маска ќе ја преземам улогата твоја,
и ќе ѝ речам на Хера дека јас сум Клаудио;
ќе го распетлам во неа моето срце,
и слухот ќе ѝ го заробам со напад
жесток на љубовната сторија моја:
Потоа, на татко ѝ сé ќе му кажам;
а заклучокот е дека таа ќе биде твоја:
Од зборови веднаш да прејдеме на дело.
(*Излегуваат.*)

Сцена 2

Соба во куќата на Леонато.

(*Влегуваат Леонато и Антонио.*)

Леонато

Што е брате? Каде е внук ми, вашиот син? Дали се погрижи за музиката?

Антонио

Зафатен е со тоа до гуша. Ама брате, друго сакам да ви кажам, новости многу чудни за кои не сте ни сонувале дека се можни.

Леонато

Дали се добри?

Антонио

Зависи од печатот што ќе им го стави исходот. Обвивката им е добра; убаво изгледа од надвор. Од разговорот помеѓу принцот и грофот Клаудио кои шетале низ најгустиот дел од мојот овоштарник, еден мој човек волку чул: принцот му открил на Клаудио дека бил заљубен во внука ми, вашата ќерка и дека имал намера тоа вечерва, на игранката, да ѝ го каже; па ако оваа прифатела, мислел веднаш да ја искористи можноста и да договори со вас.

Леонато

Да не не бил со сите овој ваш човек кога ова ви го кажал?

Антонио

Ни случајно. Бистер е и разумен. Ќе ви го пратам па сами распрашајте го.

Леонато

Не, не, сега за сега ќе сметаме дека работава е сон, дури не се покаже како јаве - но, во секој случај, ќе ја известам ќерка ми за да не ја фати на спиење ако испадне дека ова е навистина точно. Одете вие и кажете ѝ сé. (*Поминуваат неколкумина преку сцената.*) Роднини мои, знаете што треба да се стори во ваков час. - О, пријателу, ве молам; дојдете со мене, ќе ми треба вашата вештина. - Внучко мој добар, бидете на висина; да си ги исполниме обврските во узбунава. (*Излегуваат.*)

Сцена 3

Друга соба во куќата на Леонато.

(*Влегуваат Дон Хуан и Конрад.*)

Конрад

Господару! Зошто сте нерасположени од мерата надвор?

Дон Хуан

Затоа што нема мера околноста од која ова се испили; оттука и нерасположението ми е без мера.

Конрад

Послушајте го разумот.

Дон Хуан

А ако го послушам, што благодет ќе ми дојде?

Конрад

Можеби нема да ве излекува веднаш, ама барем ќе ве научи на трпеливо поднесување.

Дон Хуан

Се чудам што ти, роден, како што велиш, во знакот на Сатурн, сакаш со морален лек да ја лечиш безнадежната болка. Не можам да кријам што сум: Морам да бидам нерасположен кога за тоа имам причина, а не да се смејам на сечии шеги; да јадам кога сум гладен, а не да чекам додека некому му текне; да спијам кога сум поспан, а не да се грижам за нечија работа; да се смејам кога сум весел, а не да чекам кога некому ќе му биде ќеф.

Конрад

Така е, но не правете го тоа отворено туку со разумна воздржаност. Дури неодамна се смиривте со брат ви и сега сте повторно во неговата милост; невозможно е да фатите вистински корен ако самите не создадете поволна клима; само во правото годишно време ќе имате добра жетва.

Дон Хуан

Поарно да сум шип во трње одошто трендафил во неговата милост; на крвта моја повеќе ѝ личи да бидам намразен од сите отколку да го токмам однесувањето за да можам да исчемнам трошка љубов од некого; во ова, иако не може да се каже дека сум некаков ласкав намузлија, сепак никој не може да порекне дека сум отворен подлец. Мене ми веруваат само кога имам узда на уста или јарем на гуша: затоа решив да не пејам во сопствениот кафез. Ако ме пуштат од синџир, ќе касам. Да имам доволно слобода, ќе си го терам ќефот безмилосно; во меѓувреме пушти ме да си бидам она што сум и не обидувај се да ме смениш.

Конрад

Зарем не можете да имате некаква полза од вашето незадоволство?

Дон Хуан

Сета полза во животот ја имам само од него, зашто само него и го употребувам. Но кој доаѓа? Што има ново, Борачио?
(*Влегува Борачио.*)

Борачио

Доаѓам од една голема гозба; принцот, вашиот брат, кралски го гостат кај Леонато; а можам да ви говорам и за еден скорешен брак.

Дон Хуан

Може ли да послужи за урнек врз кој ќе се изгради некаква несреќа? Која е таа будала што сака да се врзе со немирот?

Борачио

Десната рака на брат ви.

Дон Хуан

Кој? Доблесниот Клаудио?

Борачио

Токму тој.

Дон Хуан

Прекрасен господин! А на која, жити сé, фрлил око?

Борачио

На Хера, ќерката и единствената наследничка на Леонато.

Дон Хуан

Види го ти, ќерата! Како го дозна ова?

Борачио

Додека најмен како кадител, кадев една многу загушлива одаја, наидоа, рака под рака, принцот и Клаудио внесени во еден многу сериозен муабет. Се мушнав зад една драперија и чув кога се договорија принцот да ја измоли Хера за себе и откако ќе ја добие, да му ја даде на грофот Клаудио.

Дон Хуан

Одиме веднаш таму! Овде може да има храна за моето незадоволство; тој млад пилиштарец ја собра сета слава од мојот пораз. Ако, на некој начин, му наштетам, тогаш секако ќе си честитам. Вие сте ми верни и ќе ми помогнете, не?

Конрад

Додека сме живи, господару.

Дон Хуан

Тогаш да одиме веднаш на гозбата; нивното расположение се зголемува со мојата тага. Камо готвачот да мисли како мене! - Ќе одиме ли да видиме што може да се стори?

Борачио

Ви стоиме на располагање, господару.

(*Излегуваат.*)

Чин ВТОРИ

Сцена 1

Салон во куќата на Леонато.

(*Влегуваат Леонато, Антонио, Хера, Беатриче и други.*)

Леонато

Зарем не беше овде на вечера грофот Хуан?

Антонио

Не го видов.

Беатриче

Тој господин навистина изгледа кисело! Секогаш кога ќе го видам, цел час потоа ми иди уфунет.

Хера

Многу тажна душа.

Беатриче

Совршен човек би бил оној што би стоел насреде меѓу него и Бенедик: првиов е како труп и не зборува ништо, а вториов е како разгалено синче и само меле без прекин.

Леонато

Значи половина од јазикот на господинот Бенедик во устата на грофот Хуан и половина од тагата на грофот Хуан на лицето од господинот Бенедик.

Беатриче

Со добри нозе и со силни стапала, стрико, и со доволно пари в ќесе, таквиот маж би ја освоил секоја жена на светот, - ако успее да ја придобие, се разбира.

Леонато

Тврдам, внуко, дека со толку пис јазик тешко ќе си најдеш маж.

Антонио

Навистина е презајадлива.

Беатриче

Презајадлива е повеќе од само зајадлива. Така ќе го утнам божјиот дар: зашто се вели, *Кравата што боде шути рогови има;* но кравата што премногу боде, нема никакви.

Леонато

Значи ако премногу бодеш, ќе немаш никакви рогови?

Беатриче

Ќе немам ако немам маж; за ваков благослов на колена го молам Него секое утро и секоја вечер! Боже! Не би можела да поднесам маж со брада на лице: поарно да си легнам на бодликаво прасе!

Леонато

Може ќе легнеш со маж што нема брада!

Беатриче

Што ќе правам со таков? Да му ги натнам моите алишта и да го сторам шеф на собарките? Мажот со брада е повеќе од момче, а

мажот без брада е помалку од маж: оној што е повеќе од момче не е за мене; а оној што е помалку од маж, јас не сум за него; затоа, ќ е земам грош од мечкарите како капар и ќе им ги водам мајмуните в пекол!

Леонато

Значи решивте да одите в пекол?

Беатриче

Не; само до неговите порти; тогаш ќе ми излезе ѓаволот на срешта, ко некој стар рогоносец, со рогови на глава и ќе ми рече; *Оди в рај, Беатриче; оди в рај, ова не е место за девојки*; јас ќе му ги предадам мајмуните и трк, право кај свети Петар во рајот; тој ќе ми покаже каде седат неженетите и немаженитe и потоа долго и среќно ќе си живееме од утро до мрак.

Антонио

А вие, внуко, (*на Хера*) се надевам, во сé ќе го слушате татко ви.

Беатриче

Баш така; должност на братучетка ми е само да се поклони и да рече, *Како што ќе заповедате, татко*. - Но и покрај сето ова, братучетко, гледајте сепак момчето да е убаво инаку поклонете се уште еднаш и речете, *Татко, како што ми заповеда срцето*.

Леонато

Се надевам, внуко, еден ден ќе ве видам снабдена со маж.

Беатриче

Сигурно не до денот додека Бог не почне да прави мажи од некоја друга граѓа а не од земја. Зарем не би било тажно за жената со неа да господари едно обично купче прашина? Да поднесува сметка за својот живот пред една грутка непостојана кал? Не, стрико, не сакам ниеден. Синовите на Адама се мои браќа; и навистина, за мене е грев, да се мажам за најблискиот роднина.

Леонато

Ќерко, запамтете што ви реков; ако принцот за она ви говори, знаете како да му одговорите.

Беатриче

Ако не ве побара во вистинскиот час, вината ќе падне на музиката; ако принцот премногу навали, кажете му дека за сé треба такт, па така истанцувајте му го одговорот. Зашто, слушнете ме, Хера, додворувањето, венчавањето и каењето се како забавна, сериозна и шунд музика: првото додворување е огнено и нагло ко страствен поп-рок, полно е занес и хирови; венчавањето смирено и смерно како австриски менует, полно старовремски спокој и патина; потоа доаѓа каењето и со своите стаклени нозе запаѓа во тежок шунд, сé побрзо и побрзо дури не потоне в гроб.

Леонато

Внуко, преостро гледате на работите.

Беатриче

Имам око соколово, стрико; гледам црква на километри.

Леонато

Влегуваат гозбаџиите, брате; да направиме место.
(*Влегуваат Дон Педро, Клаудио, Бенедик, Балтазар; Дон Хуан, Борачио, Маргарет, Урсула и други под маски.*)

Дон Педро

Госпоѓице, ќе сакате малку да се забавувате со еден ваш обожавател?

Хера

Ако одите пополека и ако гледате љубезно и ако не кажете ништо, со радост ќе појдам а со порадост ќе си сојдам.

Дон Педро

Со мене во ваше друштво?

Хера

Па и со вас ако ми е по волја.

Дон Педро

А кога ќе ви биде по волја?

Хера

Кога ќе ми се бендиса вашето лице; не дај боже лаутата да биде ко нејзината футрола!

Дон Педро

Маската ми е ко покривот на Филемон; во куќата е Јупитер.

Хера

Зошто тогаш маската не ви е од слама?

Дон Педро

Говорете потивко, ако зборувате за љубов. (*Одат на страна.*)

Балтазар

Би сакал да ви се допаднам.

Маргарет

А јас не, за ваше добро; оти имам многу лоши особини.

Балтазар

На пример?

Маргарет

На пример гласно се молам.

Балтазар

Тогаш уште повеќе ве сакам; тие што ќе ве чујат ќе можат да речат амин.

Маргарет

Господе, спој ме со добар играч!

Балтазар

Амин!

Маргарет

И тргни ми го од пред очи кога играта ќе заврши! - Одговори, попе!

Балтазар

Одговарам со молк; попот си го доби.

Урсула

Добро ве познавам; вие сте господин Антонио.

Антонио

Со еден збор, не сум.

Урсула

Само вие вака ја нишате главата.

Антонио

Право да ви кажам, само го имитирам.

Урсула

Никогаш не би го имитирале толку одвратно точно да не сте самиот тој. Еве ја неговата сува рака, само негова и ничија друга; вие сте тој, вие сте тој.

Антонио

Со еден збор, не сум.

Урсула

Немојте, ви се молам! Мислите дека не ве препознавам по вашата блескава духовитост? Може ли да се скрие доблеста? Престанете, ви се молам; вие сте тој; манирите си се манири и не се менуваат! Доста, ви се молам!

Беатриче

Нема да ми кажете кој ви го рече тоа?

Бенедик

Простете ми, но нема.

Беатриче

И нема да ми кажете кој сте вие?

Бенедик

Не сега.

Беатриче

Дека сум опака! - И дека сета духовитост сум ја црпела од една единствена книшка? - Ова мора да го рекол господинот Бенедик.

Бенедик

Кој е тој?

Беатриче

Сигурна сум дека добро го познавате.

Бенедик

Не го познавам, верувајте ми.

Беатриче

Никогаш не ве насмеал?

Бенедик

Ве молам, кој е тој?

Беатриче

Задрогаз на принцот. Многу здодевен шут; единствено е талентиран да измислува невозможни клевети: само расипикуќите му се восхитуваат; но восхитот не произлегува од неговата духовитост туку од неговата пакост; зашто тој и ги забавува и ги лути луѓето, па тие првин се смеат па го тепаат. Сигурна сум дека е тука некаде. Баш би сакала да ме чепне.

Бенедик

Ако случајно го запознам ќе му кажам што рековте за него.

Беатриче

Само напред, повелете. Знам дека веднаш ќе ме чепне со некаква злобна споредба; која, ако остане незабележана, или ако никој не се насмее, веднаш ќе го фрли во тага и потиштеност; што ќе значи заштеда од барем еден копан зашто шутракот нема ништо да касне таа вечер. (*Се слуша музика одвнатре.*) Треба да ги следиме првенците.

Бенедик

Во сé што е добро.

Беатриче

Така е, зашто ако нé поведат во лошо, ги напуштам на првиот свиок.
(*Играа. Излегуваат сите освен Дон Хуан, Борачио и Клаудио.*)

Дон Хуан

Навистина, брат ми е заљубен во Хера и го викна татко ѝ на страна ова да му го каже. Госпојците одат по неа а остана само едно маскирано лице.

Борачио

А тоа е Клаудио. Го познавам по начинот на кој стои.

Дон Хуан

Не сте вие господинот Бенедик?

Клаудио

Добро ме познавате; тој сум.

Дон Хуан

Господине, брат ми многу ве има при срце; тој е вљубен во Хера; ве молам убедете го да се тргне од неа; таа не му доликува според потеклото; вие тука може да одиграте улога на чесен човек.

Клаудио

Од каде знаете дека ја сака?

Дон Хуан

Чув како се колне дека ја сака.

Борачио

Исто и јас; и уште се заколна дека ќе ја ожени вечерва.

Дон Хуан

А сега да одиме и малку да каснеме. (*Излегуваат Дон Хуан и Борачио.*)

Клаудио

Вака одговарав во името на Бенедик но зловестиве ги чув со ушите на Клаудио. Сигурно е така;- принцот проси за себе. Пријателството е верно во сѐ друго освен во чувството што се вика љубов; затоа, секое срце, за љубовта, само збори и секое око само за себе преговара, без посредник; зашто вештерка е убавината и со чинки верноста во крв ја топи. Оваа вистина секојдневно се потврдува а само јас не верував: затоа збогум, Херо! (*Се враќа Бенедик.*)

Бенедик

Грофе Клаудио?

Клаудио

Да, тој сум.

Бенедик

Ајде, ќе појдете со мене?

Клаудио

Каде?

Бенедик

Па, до првата врба; за ваша работа станува збор, грофе. Како ќе го носите венецот? Околу вратот, ко лихварски синџир? Или под мишка ко поручнички чин? Некако ќе мора да го носите зашто принцот веќе ја има вашата Хера.

Клаудио

Му посакувам радост со неа.

Бенедик

Сега зборувате ко џамбаз на пазар. Така се продаваат говеда. Но дали помислivте дека принцот ви прави услуга?

Клаудио

Ве молам, оставете ме.

Бенедик

Опаа! Сега удривте баш ко оној слепиот; детето ви го украде месото, а вие право во столбот!

Клаудио

Ако неќете, тогаш јас ве оставам вас.
(*Излегува.*)

Бенедик

Кутрото пиле попарено! Сега ќе се мушне в грмушка. - Но госпоѓицата Беатриче да ме знае а да не ме познае! Шут на кнезот! - До каде дотуркав! Може така ме викаат зашто сум весел! Да, но вака сам себеси си чинам неправда; не ме бие ваков глас: туку само лошиот, опак уј на Беатриче се заменува себеси со светот, па ми шири муабети. Ама ќе се одмаздам вака или онака.
(*Повторно влегува Дон Педро.*)

Дон Педро

Господине, каде е грофот? Дали го видовте?

Бенедик

Жими крстот, господару, ја одиграв улогата на госпоѓата Рекла-кажала. Го најдов овде скиснат ко да му потонале сите гемии; му реков, и мислам вистината му ја кажав, дека вашата милост ги придоби симпатиите на младата дама; и му се понудив да одиме до првата врба за да му направам венец затоа што е напуштен или да го врзам за кол бидејќи заслужува да го камшикуваат.

Дон Педро

Да го камшикуваат? Што направил?

Бенедик

Најнаивен престап на едно учениче кое, пресреќно што нашло птичјо гнездо, отрчало да му го покаже на своето другарче а ова му го украло.

Дон Педро

Зарем довербата за тебе е престап? Престапот е кај оној што украл.

Бенедик

Па сепак, камшикот не би бил на одмет, а и венецот; зашто венецот би можел да го носи и сам а камшикот би можел да ви го даде вам зашто, како што ми се гледа, вие му го украдовте гнездото.

Дон Педро

Сакав само пилето да го научам да пее а потоа да му го вратам на сопственикот.

Бенедик

Ако и пилето пее како што вие зборувате, тогаш, жими крстот, чесно зборувате.

Дон Педро

Госпоѓицата Беатриче се жали на вас; господинот што играл со неа ѝ кажал дека многу ја напаѓате.

Бенедик

О, таа мене толку ме оцрни што тоа дури ни клада не би го издржала; дури и даб со еден единствен зелен лист би ѝ вратил; дури и маската што ја носев ми оживеа и навали да се кара со неа; таа ми рече, - без да помисли дека спроти нејзе сум јас, - дека сум бил шут на кнезот; дека сум бил поглуп и од вол; и така ми фрлаше в лице купишта гадости и подмолности со таква умешност што јас само стоев ко човек крај метите во кого нанишанила и пука цела една војска. Зборо-

вите ѝ се трње и штом отвори уста - боцка. Здивот да ѝ е страшен ко што ѝ се изразите, сé живо и диво околу нејзе ќе цркне и светот ќе опусти сé до ѕвездата Северница! Не би се оженил со неа па макар во чеизот да го носи сиот мираз што Адам го доби пред да згреши. Таа дури и Херкула би го натерала да врти ражен, да, да, дури и крлукот да си го скрши и да го фрли в оган. Ви се молам, не зборувајте ми за неа; ќе видите дека е пеколната Ата во убави алишта. На Господа се молам да се најде некој вештер па да ѝ забаи и да ја врати. Зашто, ви тврдам, додека е овде, човек може да си живее в пекол спокојно и мирно ко во светилиште. И луѓето намерно ќе грешат само за да одат таму; навистина сите кавги, ужаси и збрки идат по неа.

Дон Педро

Еве ја, доаѓа.
(*Се враќаат Клаудио и Беатриче, Леонато и Хера.*)

Бенедик

Не можете да ме пратите на извршување на некаква задача на крајот на светот? Подготвен сум да тргнам по која било работа што ќе ви текне: можам да ви донесам чепкалка од најдалечниот ќош на Азија; да ви ги донесам димензиите на стапалото на свети Јован; да ви донесам влакно од брадата на Големиот Кан; да однесам порака до Пигмејците, - сé би правел само да не проговорам ни три збора со оваа харпија. Немате ама баш ништо за мене?

Дон Педро

Немам баш ништо освен желбата да останете со мене.

Бенедик

О Боже, господару, ова е јадење од кое ми се гади; не можам да ја поднесам госпоѓицата Алапача!

(*Излегува.*)

Дон Педро

Ете, госпоѓице, ете; го загубивте срцето на господинот Бенедик.

Беатриче

Всушност, господару, ми го имаше позајмено за малку; а јас на тоа му плаќав лихва, - две срца за неговото едно; а еднаш навистина од мене го доби со лажни коцки, па затоа, господару, можете да кажете дека сум го загубила.

Дон Педро

Море го легнавте, госпоѓице, го кутнавте на плеќи.

Беатриче

Поарно вака, господару, одошто тој да ме легнеше па да станев мајка на тиквари! Го доведов грофот Клаудио по кого ме пративте.

Дон Педро

Што е со вас, грофе, што сте ми тажен?

Клаудио

Не сум тажен, господару.

Дон Педро

Да не сте тогаш болен?

Клаудио

Не сум ни тоа, господару.

Беатриче

Грофот не е ниту тажен, ниту болен, ниту весел, ниту арен; туку само учтив: учтив гроф ко кисела пиперка и љубоморна золва!

Дон Педро

Мислам, госпоѓице, дека сте блиску до вистината иако, ви тврдам дека, ако е така, тогаш претпоставката му е грешна. Зашто Клаудио, ја барав во твое име и убавата Хера е добиена. Му го кажав ова на татко ѝ и тој нема ништо против. Кажи го денот на венчавката и Бог нека ти даде среќа!

Леонато

Грофе, примете ја од мене ќерка ми а со нејзе и мојот имот. Неговата милост браков го среди, а божјата нека го благослови!

Беатриче

Зборувајте, грофе; на вас е редот.

Клаудио

Молкот е најсовршениот гласник на радоста; би ми била мала среќата кога би можел да кажам колкава ми е. - Госпоѓице, ко што сте вие мои, така јас сум ваш: целиот ви се давам и нестрпливо чекам за размена.

Беатриче

Зборувај, братучетке, или ако не можеш, затни му ја устата со бакнеж па нека замолчи и тој.

Дон Педро

Навистина, госпоѓице, имате весело срце.

Беатриче

Така е, господару; сполај му; кутричкото будалиште, секогаш е таму кајшто дува ветрот на грижите. - Братучетка ми на уво му кажува дека ѝ е в срце.

Клаудио

Баш така и прави, роднино.

Беатриче

Господе боже, сите се здружуваат! Цел свет така прави освен јас завалијата! Ко да сум кластава, треба да си седам в ќош и да викам ‘Најдете ми маж! Најдете ми маж!’

Дон Педро

Госпоѓице Беатриче, јас ќе ви најдам маж.

Беатриче

Баш би сакал еден створен од татко ви. Немате, господару, брат што е како вас? Татко ви создал одлични младоженци, само е тешко за девојка да стигне до нив.

Дон Педро

Ме сакате мене, госпоѓице?

Беатриче

Не, господару; освен ако не ми се дозволи да имам уште еден за делниците; вие сте ко празник, а празниците се многу ретки! Но, ви се молам, простете ми; јас сум родена да говорам само весело а не нешто сериозно.

Дон Педро

Вашиот молк ме навредува, а веселоста најмногу ви личи; зашто, сигурно е, родени сте во весел час.

Беатриче

Не, господару, мајка ми пиштеше од болка; но тогаш една ѕвезда заигра и под таа ѕвезда се родив. Роднини, Бог нека ви даде радост!

Леонато

Внуко, ќе се погрижите за она што ве замолив?

Беатриче

Ве молам простете ми, стрико. - Со ваша дозвола, господару.
(*Излегува Беатриче.*)

Дон Педро

Многу пријатна и духовита госпоѓица.

Леонато

Многу малку тага има во неа, господару; никогаш не е тажна освен кога спие; но дури и тогаш, ми кажувала ќерка ми, иако знае да сонува нешто непријатно, се буди и умира од смеа.

Дон Педро

Не поднесува да ѝ се говори за маж.

Леонато

Ни случајно; сите додворувачи ги зема на удуду.

Дон Педро

Би била одлична жена за Бенедик.

Леонато

Не дај боже, господару! Една недела да се во брак, ќе си го спуштаат до лудило!

Дон Педро

Грофе Клаудио, кога мислите да застанете пред олтар?

Клаудио

Утре, господару. Времето оди на патерици додека љубовта чека да мине низ обичаите.

Леонато

Не пред понеделник, зете, што значи уште седум дена; дури и ова е премалку време да го сторам сѐ она што сум наумил.

Дон Педро

Добро, добро, се гледа дека не ви е по ќеф толкавото одложување; но ви тврдам, Клаудио, нема да се шлаеме туку-така. Имам намера, во меѓувреме, да остварам Херкуловски подвиг, односно да ги намамам господинот Бенедик и госпоѓицата Беатриче да се заљубат еден во друг со страст силна како планина. Баш би сакал да ги спојам; а без сомнение можам ако вие тројца ми помогнете и го правите она што ќе ви речам.

Леонато

Господару, ви стојам на услуга, макар по цена десет ноќи да не склопам око.

Клаудио

И јас, господару.

Дон Педро

А и вие, нели, убава Херо?

Хера

Се согласувам да правам сѐ што е пристојно, господару, за да ѝ помогнам на братучетка ми да дојде до добар сопруг.

Дон Педро

А Бенедик не е најбезнадежниот маж што го знам; има за што да го пофалам: од благородно колено е, со докажана храброст и потврдена чесност. Ќе ве научам како да ја натерате вашата братучетка да се заљуби во Бенедик. - а јас, со помош на вас двајца, така ќе го средам Бенедик што и покрај сета своја остроумност и сета своја пребирливост, ќе се зацапа во Беатриче. Ако го сториме ова, Купидон ќе треба да ни носи вода; неговата слава ќе стане наша а ние ќе станеме единствените богови на љубовта.

Да влеземе внатре, па ќе ви кажам што сум замислил.
(*Излегуваат.*)

Сцена 2

Друга соба во куќата на Леонато.

(*Влегуваат Дон Хуан и Борачио.*)

Дон Хуан

Така е навистина; грофот Клаудио ќе се жени со ќерката на Леонато.

Борачио

Точно, господару, но јас можам да им ја расипам работата.

Дон Хуан

Секоја пречка, препрека, секоја сопка за мене ќе биде лековита; болен сум од зер на него; и сé што во тој правец делува, мене ми служи. Како можеш браков да го спречиш?

Борачио

Само нечесно, господару; но толку елегантно што ништо нечесно нема да се види на мене.

Дон Хуан

Кажи ми на кратко.

Борачио

Мислам дека уште пред година ви кажав, господару, колку сум ѝ мил на Маргарет, слугинката на Хера.

Дон Хуан

Се сеќавам.

Борачио

Можам да ја наговорам во кое било незгодно време на ноќта да гледа надвор од одајата на својата господарка.

Дон Хуан

И каде тука гледаш живот што може да му донесе смрт на овој брак?

Борачио

Отровот во сето ова ќе треба да го пуштите вие. Појдете кај принцот, брат ви; не снобете се да му кажете дека ужасно згрешил што го жени славниот Клаудио - чии доблести од мерата надвор ќе ги истакнувате - со една расипана ороспија каква што е Хера.

Дон Хуан

А како сето тоа ќе го докажам?

Борачио

Со докази што ќе го излажат принцот, Клаудио ќе го стават на мака, Хера ќе ја посрамотат а Леонато убијат. Што друго сакате?

Дон Хуан

Ќе сторам сé само да им напакостам.

Борачио

Тогаш одете; најдете згоден час да ги одвоите на само Дон Педро и Клаудио; кажете им дека знаете оти Хера ме сака мене; покажете дека од чист обзир, а пред сé затоа што ја сакате честа на брат ви којшто овој брак го ујдиса и од почит кон неговиот пријател којшто на овој начин ќе биде измамен од лажно невина девојка, им го кажувате ова. Тешко ќе ви поверуваат без да се уверат; затоа дајте им можност да ме видат мене под нејзиниот прозорец како ја викам Маргарет Хера а Маргарет мене Борачио; доведете ги да го видат ова точно во ноќта пред венчавката: зашто, во меѓувреме, јас ќе средам Хера да биде отсутна; па привидната вистина за неверството на Хера ќе излезе така на видело што сомнежот лесно ќе стане извесност и сите подготовки за венчавката ќе се откажат.

Дон Хуан

Ќе го спроведам ова во дело, без оглед колкаво зло ќе произлезе. Биди вешт и префриган во работата и ќе добиеш илјада дукати.

Борачио

Бидете постојан во оптужбите, а мојата префриганост нема да ме засрами.

Дон Хуан

Одам веднаш да дознаам кога им е венчавката.
(*Излегуваат.*)

Сцена 3

Во градината на Леонато.

(*Влегуваат Бенедик и неговиот слуга.*)

Бенедик

Момче, -

Слугата

Господине.

Бенедик

На прозорецот од мојата соба има една книга; донеси ми ја во градинава.

Слугата

Ама веќе сум овде, господине.

Бенедик

Знам, ама сакам да си таму па пак тука. (*Излегува слугата.*) Многу се чудам кога еден човек откако ќе види колкава будала станал друг човек затоа што до уши се зацапал во некоја жена и откако ќе се изнасмее на ваквите плитки лудости кај другите, станува предмет на сопствениот презир со тоа што и самиот ќе се вљуби. А таков човек е Клаудио. Паметам кога не сакаше да слуша никаква друга музика освен звуците на барабанот и трубата; а сега, плачкото, се разнежил па сака само гитари и шупелчиња. Помнам кога знаеше да изоди и петнаесет километри пеш за да види добар оклоп; а сега лежи петнаесет ноќи буден и во главата го крои новиот градник. Некогаш зборуваше просто и разумно, ко чесен маж и војник; а сега се претворил во расеан лингвист; говори ко в глава да му се одржува симпозиум за лингвистика, согласки и самогласки му фрчат на сите страни. Може ли до толку да се изопачам, а сé уште да гледам со овие очи? Не знам; но мислам дека нема шанси; не велам дека љубовта не може да ме претвори во пифтија, ама велам, сé додека не направи човечка пифтија од мене, нема да дозволам да ме прави толкава будала. Една жена е убава, мене ми е арно. Друга е паметна, мене пак ми е арно. Трета е доблесна, мене пак ми е арно. Но сé додека не сретнам жена со сите овие доблести во себе, една жена никогаш не ќе ме маќепса. Богата мора да биде, тоа е сигурно; паметна, се разбира, инаку не доаѓа предвид; доблесна, секако инаку што ќе ми е; убава, нормално инаку нема ни да ја погледнам; блага, најприродно инаку нема ни да ми се приближи; благородна, во секој случај инаку не би ја зел па дури да е и ангел; интересна во муабетот, одлична во музиката а бојата на косата нека биде како што Бог сака. Ха! Идат принцот и мусје Зацапанковје ! Ќе се скријам во расјево!
(Се затскрива.)
(*Влегуваат Дон Педро, Леонато и Клаудио.*)

Дон Педро

Ајде, ќе ја чуеме песната?

Клаудио

Секако, господару. - Колку вечерта е тивка, ко намерно замолчана за почест
на музиката да ѝ даде!

Дон Педро

Видовте каде Бенедик се скри?

Клаудио

Многу добро, господару; штом песната сврши
ќе си добие лисецот веднаш по муцка.
(*Влегува Балтазар со лаута.*)

Дон Педро

Ајде Балтазар, песната повтори ја.

Балтазар

О, господару добар, не барајте глас толку
лош, двапати музиката да ја грди.

Дон Педро

Најдобар доказ за одличноста
е кога совршенството сопствено се куди; -
Те молам, пеј, не оставај долго да те молам.

Балтазар

Штом за молба говорите, ќе пејам:
оти многу додворувачи трчкаат
по мома што не ја ценат; но сепак ја молат,
се колнат дека ја љубат.

Дон Педро

Почнувај, ајде!
Или ако уште сакаш да говориш,
говори на ноти.

Балтазар

Нотирајте го ова пред нотите мои,
ниедна моја нота за нотирање не е вредна.

Дон Педро

Тој навистина говори по ноти;
нотирај ноти, нотирање!
(*Музика.*)

Бенедик

Ете, божествена песна! Сега душата му е вон
себе од восхит! Не е малку чудно што едни
овчи црева имаат моќ од телото човечко
душата да ја вадат? Сепак за мои пари сакам
да си слушам само рог!
(Балтазар пее:)

1

Балтазар

Не плачете дами, кренете глави горе,
мажите неверни од секогаш биле;
било на копно или негде на море
верни не биле ни на едно пиле;
затоа не плачете мили
дури кога и си одат тие дебили
не плачете луто, клето
не откривајте дека срцето ви цвили
туку пејте, нека в радост игра светот!

2

Доста со тажалки, доста со плачки
не бидете тажни и лути,
лажговци се мажите, неверни рачки
од кога постои пролет и таа цути.
Не плачете затоа...

Дон Педро

Добра песна, жими сé.

Балтазар

Ама лош е пејачот, господару.

Клаудио

Не, не! Добро пееш ко за во ихтиза.

Бенедик

(*Од страна.*) Да беше пес и вака да завиваше
сигурно ќе го обесеа: само го молам господа,
неговиот грд глас да не искоби некаква нес-
реќа! Поарно да чуев како ми грака некој
ноќен гавран, па ако сакаше и чума нека
донесеше!

Дон Педро

Да, секако (*На Клаудио.*) Слушаш Балта-
зар? Те молам најди ни добри свирачи зашто
утревечер треба да свират под прозорецот
на госпоѓицата Хера.

Балтазар

Најдобрите, господару.

Дон Педро

Стори така; збогум. (*Излегува Балтазар со лаутата.*) Дојдете, Леонато. Што беше она што ми го подрековте денеска дека внука ви Беатриче се заљубила во господинот Бенедик?

Клаудио

Така, така, - идете, идете; птичката заседна (*на страна на Дон Педро.*) Никогаш не би помислил дека таа госпоѓица би засакала некој маж.

Леонато

Ниту пак јас; ама најчудно е што вака лудува по господинот Бенедик кого, барем по сé она што до сега го покажуваше, се чини го има замразено за навек.

Бенедик

Можно ли е? Зарем оттаму дува ветрот?

Леонато

Право да ви кажам, господару, не знам што да мислам; ама дека го сака од дното на душата, тука нема ни најмал сомнеж.

Дон Педро

Можеби само глуми.

Клаудио

И тоа е можно.

Леонато

Да глуми? Господе, никогаш лажната страст, ако е лажна, не била толку слична на вистинската.

Дон Педро

А какви знаци на страст покажува?

Клаудио

(*На страна*)Закачете добра мамка на јадицата; оваа риба ќе загризе.

Леонато

Какви знаци, господару! Па таа ќе ви седи, - ја чувте ќерка ми веќе како.

Клаудио

Ви кажа, навистина ви кажа.

Дон Педро

Како, како, ве молам? Ме зачудувате; бев убеден дека духот нејзин е отпорен на сите напади на страста.

Леонато

И јас бев готов да се заколнам дека е така, господару; особено кога Бенедик е во прашање.

Бенедик

(*На страна.*) Ќе помислев дека е местенка, да не го слушнев ова од овој белобрад господин; под овој достоинствен лик сигурно не се крие подлец.

Клаудио

Загриза, загриза; дајте му уште.

Дон Педро

Дали веќе му кажала на Бенедик што чувствува за него?

Леонато

Не; и се колне дека нема никогаш ни да му каже; на голема мака е.

Клаудио

Така е, навистина; така ќерка ви вели: Зарем јас, рекла таа, што толку често го среќавав со презир, да му пишам сега дека го сакам?

Леонато

Ова го вели кога почнува да му пишува; зашто станува по дваесет пати ноќе и седи така во ношницата додека не испише цел лист хартија; ќерка ми сé ми кажува.

Клаудио

Кога веќе го споменавте листот хартија, се присетив на една шега што ни ја кажа ќерка ви.

Леонато

О! - Кога го испишала, па седнала да го прочита, па ги нашла Бенедик и Беатриче еден врз друг ко две страници внатре во листот?-

Клаудио

Баш на таа.

Леонато

О! Го направила писмото парампарче; па се прекорувала себеси што му пишала на тип за кого знаела дека ќе ја исмее. Судам за него, рекла таа, според себе; зашто и јас би го исмејала тој да ми пише; да, би го исмеала иако го сакам.

Клаудио

Потоа паднала на колена, плачела, липала, офкала, коси кубела, молела, колнела; - О мил мој Бенедик! Само нека Бог ми даде трпение!

Леонато

Така постојано прави; вели ќерка ми; а занесот до толку ја има совладано што понекогаш ќерка ми стравува дека во очај, може дури да крене рака на себе. Вака стојат работите.

Дон Педро

Добро би било Бенедик да дознае преку друг ако веќе таа не сака да му каже.

Клаудио

Со каква цел? Тој само ќе си игра мајтап со неа и ќе ѝ ги удвои маките.

Дон Педро

Тоа да го стори, ќе му направи услуга оној што ќе го обеси. Таа е прекрасна, мила госпоѓица а доблеста ѝ е надвор од секој сомнеж.

Клаудио

А и паметна е од мерата надвор.

Дон Педро

Во сé освен во љубовта кон Бенедик.

Леонато

О господару, кога разумот и крвта војуваат во толку нежно тело, во девет случаи од десет, крвта победува. Ја жалам, а и причина праведна имам за тоа зашто сум ѝ и стрико и старател.

Дон Педро

Камо љубовта да ја насочеше кон мене: сé друго ќе оставев на страна и ќе ја сторев моја втора половина. Ве молам, кажете му на Бенедик и видете што ќе рече тој.

Леонато

Мислите дека така ќе биде добро?

Клаудио

Хера е сигурна дека таа ќе умре; зашто вели дека ќе умре ако тој не ја сака; и дека ќе умре пред да му открие дека го сака: и дека ќе умре ако тој ја побара за жена а таа треба да се откаже од вообичаената нељубезност.

Дон Педро

Добро прави; зашто ако му каже дека го сака, многу е веројатно дека тој ќе ја презре; зашто човекот, како што знаеме сите, е презрив по природа.

Клаудио

Тој е мошне забележителен човек.

Дон Педро

Надворешно, секако, тој изгледа допадливо.

Клаудио

А што е право и паметен е.

Дон Педро

Навистина, од време на време, знае да биде искричав.

Леонато

Јас сметам дека е и храбар.

Дон Педро

Како Хектор, ве уверувам: а во средувањето на кавгите може да се каже дека е дури и мудар; зашто или мошне вешто ги избегнува или се впушта во нив со голем рисјански страв.

Леонато

Ако има страв од Бога, мора да го чува мирот; ако го урива мирот, мора да влезе во расправиите со страв и трепет.

Дон Педро

А тоа и го прави, зашто тој човек има страв од Бога иако тоа не може да се каже според некои откачени шеги што ги прави. Навистина ми е жал за внука ви. Дали сакате да одиме кај Бенедик и да му кажеме за нејзината љубов?

Клаудио

Ни случајно, господару; да ја оставиме низ размисла сето тоа во нејзе да ослаби и испари.

Лоенато

Не; не е возможно; попрво срцето ќе ѝ ослабе и пукне.

Дон Педро

Па, тогаш да чуеме повеќе од ќерка ви, а дотогаш и работава малку ќе се олади. Бенедик ми е при срце и би сакал малку да се преиспита за да сфати колку е недостоен за ваква една добра госпоѓица.

Леонато

Господару, сакате да влеземе? Ручекот е готов.

Клаудио

Ако по ова не почне да лудува по неа, повеќе никогаш нема да му верувам на своите претчувства.

Дон Педро

Нека иста ваква мрежа се фрли и за неа: ова мора да го сторат ќерка ви и нејзината слугинка. Ќе биде забавно кога секој од нив ќе поверува во лудата заљубеност на другиот без, всушност, да има нешто. Оваа глетка баш би сакал да ја видам! Ќе биде првокласна пантомима! Да ја испратиме да го викне за ручек.

(*Излегуваат Дон Педро, Клаудио и Леонато. Бенедик излегува од зад расјето.*)

Бенедик

Ова не може да биде уjдурма. Разговараа сериозно.- Ја дознале вистината од Хера. Изгледа ја жалат госпоѓицата; се чини страста нејзина зела голем замав. Ме сака мене! А тоа мора да се возврати. Чув со свои уши како ме осудуваат; велат ќе сум се возгордел ако сум забележел дека ме сака; и уште велат дека таа попрво би умрела одошто да ми ја открие својата тајна. - Не мислев никогаш да се женам. Но не можам да дозволам да ме сметаат за горделив. - Среќни се оние што ќе си ги чујат маните па можат да се поправат! Велат госпоѓицата е убава; вистина е, самиот можам да потврдам: и доблесна - така е, ни ова не можам да го одречам; и умна, освен што се зацапала во мене. - Рака на срце, ова баш и не потврдува дека е умна ама не ни докажува дека е глупа, зашто и јас лудо ќе се затрескам во неа. - Може ќе ме шибнат по плеќи со некои бајати шеги и закачки зашто толку време бладав против женачката; ама зарем апетитот не се менува? Во младоста јадете месо што во староста не можете ни да го помирисате. Зарем мајтаплаци, прекори и хартиени куршуми од мозокот можат да го уплашат мажот и да го скршнат од неговиот наум? Не; земјата мора да се населува. Кога реков дека ќе умрам ерген не мислев дека ќе живеам до женачката. - Но еве ја иде Беатриче. Жими виделцево денско, таа е убава: забележувам кај неа знаци на заљубеност.
(*Влегува Беатриче.*)

Беатриче

Ме пратија против мојата волја да ве викнам за ручек.

Бенедик

Убава Беатриче, ви благодарам за напорот.

Беатриче

Понапорно ви беше вам да ми се заблагодарите одошто мене да ја заслужам вашата благодарност; да ми беше напорно немаше да дојдам.

Бенедик

Значи пораката ви донесе задоволство?

Беатриче

Да; и тоа толкаво што одвај може да го собере на врвот од ножот и со него да се задави некакво си врапче. - Јасно ми е дека не ви е до јадење, господине; затоа збогум.
(*Излегува.)*

Бенедик

Ха! Ме пратија против мојата волја да ве викнам за ручек - ова е ептен двосмислено. Понапорно ви беше вам да ми се заблагодарите одошто мене да ја заслужам вашата благодарност - ова е исто како да речеше, секој напор што го правам за вас ми е лесен како што е лесно да се заблагодариш. - Ако не се смилувам над неа, тогаш сум гад; ако не ја засакам, тогаш сум бетер од Евреин. Одам да набавам нејзина слика.
(*Излегува.*)

Чин ТРЕТИ

Сцена 1

- Во градината на Леонато.

(*Влегуваат Хера, Маргарет и Урсула.*)

Хера

Оди Маргарет, до одајата тркни;
таму братучетка ми Беатриче ќе ја најдеш
како разговара со Клаудио и принцот;
шепни ѝ на уво дека јас и Урсула
сме во градината и дека цело време
само за неа зборуваме; кажи ѝ дека си нé
чула;
и речи ѝ кришум да дојде во сеницава густа,
кајшто џбунот орлови нокти, зрел од сонцето,
сонцето го брани; - ко миленик некој царски
кој по царска волја, стигнат до честа
против истата се возгордува; - таму нека се
скрие,
за да чуе што имаме на ум. Задача ваква
имаш,
изврши ја со дикат и остави нé сами.

Маргарет

Без гајле, ќе ја намамам веднаш да дојде.
(*Излегува.*)

Хера

Слушај, Урсула, кога Беатриче ќе дојде
додека низ дрворедов се шетаме
треба да зборуваме само за Бенедик;
А го спомнам, твоја улога ќе биде
да го фалиш до небеса ко ниеден маж
што не заслужил: јас ќе ти говорам колку
Бенедик е зацапан во Беатриче. Баш од ова,
вештата стреличка на Купидон е направена,
и ранува само по чуено. Почни сега;
(*Одназад влегува Беатриче.*)
Оти гледај, Беатриче, скукулена, ко пиле
калуѓерче, итро
ни се прикрадува разговорот да ни го
слушне.

Урсула

Пријатно е да ловиш кога рибата ја гледаш
со златни како весла сребрената ја сече
струја
за дрчно да ја голтне предавничката мамка:
така и ние ја ловиме Беатриче; сета сега
скриена зад расјето густо;
не плашете се за мојот дел од улогата.

Хера

Тогаш да ѝ се доближиме, за сé да чуе
од слаткиот мамец за неа наменет.-
(*Приоѓаат до сеницата.*)
Не, навистина, Урсула, таа е полна презир;
знам дека табиетот ѝ е див и опак
ко јастреб застанат на карпа.

Урсула

Но дали сте сигурни
дека Бенедик ја љуби Беатриче од срце?

Хера

Така велат принцот и мојот вереник.

Урсула

Дали ве тераат да ѝ го кажете ова?

Хера

Ме молеа да ја известам но ги убедив
дека ако барем малку го сакаат Бенедик,
најдобро е да го поттикнат чувствата да ги скроти
и никогаш за ова да не ѝ кажат на Беатриче.

Урсула

Зошто така сторивте? Зарем тој господин
не заслужува постела полна и среќна
каква што Беатриче може да ја даде?

Хера

О боже љубовен! Знам дека заслужува тој
сѐ што може на еден маж да му се даде.
Ама природата не создала женско срце
погорделиво од она во Беатриче што чука:
од очите ѝ молскаат опакост и презир,
потценувајќи сѐ што ќе видат; а духот нејзин
толку високо сам се цени, што за нејзе
сѐ друго е бедно: не може да сака,
нити пак може да замисли што е љубов
толку е самозаљубена.

Урсула

Навистина сте во право;
затоа, сигурна сум, не би било добро да дознае зашто на удуду ќе го земе.

Хера

Во право сте; уште не сум видела маж
без оглед колку да е умен, благороден, млад
и убав кого наопаку не би го читала; ако
е личен на лице, вели поарно да ѝ е сестра;
ако е калеш, природата цртајќи кловн
темна флека направила; ако е висок, сукало голтнал;
ако е низок, ахат е делнат многу грдо;
ако е зборлив, перка вртена од секој ветер;
молчелив, клада неподвижна, Талпа.
Така на секој маж му наоѓа мана;
и не ѝ дава чесност на доблеста
што на едноставноста и заслугата им припаѓа.

Урсула

Да, да, толкав презир не води кон ништо.

Хера

Не води ами како; како можело толкав презир
надвор од секоја мера да води кон нешто?
Но кој може ова да ѝ го каже? Да ѝ кажам
ќе ме исмее; о, ќе ме изложи на тежок подбив
ќе ме распамети, до смрт ќе ми бие шеги.
Затоа Бенедик, ко запретан оган,
во воздишки нека согорува, нека гасне;
Тоа е подобра смрт одошто од подбив да умреш;
небаре некој до смрт те скокоткал.

Урсула

Сепак кажете ѝ; видете што ќе рече.

Хера

Не; побргу кај Бенедик би отишла
и би му рекла против страста да се бори;
и уште би смислила клевета чесна
против братучетка ми. Луѓето не знаат
колку може да ја затрујат љубовта
злите јазици.

Урсула

О, не правете ѝ неправда таква.
Не верувам дека до толку загубила разум.-
Со толку сјајни бистрина и памет
ко што ја фалат дека ги има, - никогаш таа
не би одбила господин ко што е Бенедик.

Хера

Во Италија, велат, никој не му е рамен
освен, се разбира, мојот сакан Клаудио.

Урсула

Ве молам, не лутете ми се, мадам,
што отворено говорам: господинот Бенедик,

по изглед, однос, бистрина и храброст
неспоредлив е велат во цела Италија.

Хера

Да, навистина, насекаде е многу познат.

Урсула

Славата си ја заслужи со доблесни дела. -
Кога, госпоѓице, ќе бидете венчани?

Хера

Секој ден од утре. Да влеземе ајде,
сакам да ти покажам некои украси,
па да ми кажеш кој од нив утре да го носам.

Урсула

(*На страна.*) Готова е, ви тврдам; ќе се фати, мадам!

Хера

Ако е така, тогаш случајот љубовта ја води,
еден паѓа в замка, друг Купидон го боди!
(*Излегуваат Хера и Урсула.*)

Беатриче

(*Излегува напред.*)
Што ми горат ушите? Вистина ли е ова?
Ме корат за горделивост, ме корат за презир?
Презиру, збогум! И ти гордост моминска, збогум!
Со таква доблест не се гордее веќе никој.
Бенедик, љуби! Со љубов тебе ќе ти вратам;
и скротено срце што диво кон тебе било:
Ако ме сакаш, сакање двојно од мене ќе имаш,
што во света врска ќе нѐ врзе мило;
Оти другите велат ти за ова си вреден
а јас тоа го чувствувам ко од нив ниеден.
(*Излегува.*)

Сцена 2

Соба во куќата на Леонато.

(*Влегуваат Дон Педро, Клаудио, Бенедик и Леонато.*)

Дон Педро

Останувам до вашето венчавање, а потоа одам за Арагон.

Клаудио

Ќе ве испратам дотаму, господару, ако ми дозволите.

Дон Педро

Ни случајно; тоа би била голема флека врз новиот сјај на вашиот брак, ко да сум му покажал на дете ново палто а не сум му дал да го носи. Ќе го побарам друштвото на Бенедик; зашто од глава до петици сиот е веселост; два-три пати го има пресечено лакот на Купидон и малиот убиец не смее повеќе да стрела во него. Срцето му е ѕвонливо ко камбана, а јазикот му е мандало. Оти она што му е на срце, на јазик го кажува.

Бенедик

Господа, не сум веќе истиот.

Леонато

И јас го велам истото; некако ми е посериозен.

Клаудио

Се надевам дека се заљубил.

Дон Педро

Таков пезевенк тешко се заљубува; нема ниедна капка вистинска крв во него што може да се зарази со љубов; ако е сериозен

сака пари.

Бенедик

Ме боли заб.

Дон Педро

Извади го!

Бенедик

На бесилка со него!

Клаудио

Првин на бесилка па после вадење.

Дон Педро

Што е, воздивнувате од една забоболка?

Леонато

Од некаква си течност и црвче?

Бенедик

Туѓата болка брзо поминува. Тешко тој што ја има.

Клаудио

Јас сепак велам дека е заљубен.

Дон Педро

Не знам како гледате занес кај него, освен ако не е занес по преоблекување во странец; на пример, денеска во Холанѓанец, утре во Французин, а понекогаш во двајца одеднаш; на пример Германец од половина надолу, целиот во дипли, а Шпанец од појас нагоре, без градник. Ако не се занесува со оваа лудост, а, навистина, се занесува, тогаш не е луд во занесот, како што ви се чини.

Клаудио

Ако не е заљубен во жена тогаш треба повеќе да не веруваме во проверените знаци; го четка, на пример, шеширот, секое сабајле. Не ви е ова сомнително?

Дон Педро

Го видел некој на барбер?

Клаудио

Не, ама берберот е виден кај него; и неколку тениски топчиња веќе се наполнети со влакната од неговата поранешна брада.

Леонато

Навистина, изгледа помлад за една брада.

Дон Педро

А и се мачка со некаков си мирис. Не може да се намириса нешто од ова?

Клаудио

Сѐ мириса дека дечково е зацапан до уши.

Дон Педро

Најочигледен знак е неговата невеселост.

Клаудио

А кога порано си го миел лицето?

Дон Педро

Или се мачкал со пудра? А сум чул и што велат за ова.

Клаудио

А што да се каже за неговиот весел дух; што сега се вовлекол во тамбурата и чкрипи како скината жица?

Дон Педро

Навистина ова кажува многу за него: од која страна да свртиш - тој е заљубен.

Клаудио

А јас дури и знам која го сака.

Дон Педро

И јас тоа би сакал да го знам; се обложувам, некоја што не го ни знае.

Клаудио

Море не само што го знае, туку и маните му ги знае а сепак умира за него.

Дон Педро

Треба да ја закопаат со лицето свртено наопаку.

Бенедик

Со вакви бајачки не ми се лечи забоболката. Господине, дојдете со мене, ве молам; смислив осум или девет паметни зборови и сакам да ви ги кажам, а кои задрогазиве не смеат да ги чујат.
(*Излегуваат Бенедик и Леонато.*)

Дон Педро

Тврдам по што сакате, дека ќе му говори за Беатриче.

Клаудио

Се согласувам. Во меѓувреме, Хера и Маргарет ја завршија работата со Беатриче; па сега кога двете мечки ќе се сретнат, повеќе нема да се гризат.
(*Влегува Дон Хуан.*)

Дон Хуан

Господару и брате, Бог нека ве чува.

Дон Педро

Добра вечер, брате.

Дон Хуан

Ако сте слободни, би сакал да поразговараме.

Дон Педро

Во четири очи?

Дон Хуан

Ако така сакате; - но може и грофот Клаудио да слуша; оти она што ќе го кажам се однесува и на него.

Дон Педро

За што станува збор?

Дон Хуан

(*На Клаудио*) Дали утре ќе се жените?

Дон Педро

Знаете дека ќе се жени.

Дон Хуан

Не сум баш сигурен кога ќе чуе што имам да кажам.

Клаудио

Ако има некаква пречка, ве молам кажете ја.

Дон Хуан

Можеби мислите дека не ве сакам; нека ова се покаже подоцна, а вие судете за мене по она што ќе го чуете сега. Што се однесува до брат ми, мислам дека многу сте му при срце и затоа најискрено ви помогна браков да го склучите; но ви велам, џабе се мачел и

залудно вложил труд.

Дон Педро

Зошто, во што е работата?

Дон Хуан

Тоа дојдов да ви кажам; и да не должам, - зашто предолго за тоа се говори, - госпоѓицата е неверна.

Клаудио

Кој? Хера?

Дон Хуан

Да, да, баш Хера; Хера на Леонато; вашата Хера, сечијата Хера.

Клаудио

Неверна?

Дон Хуан

Тој збор е предобар за да ја замачка нејзината расипаност; би можел да кажам дека е повеќе од тоа; смислете нешто порасипано од расипана и јас така ќе ја наречам. Не чудете се додека не добиете нови докази: само дојдете вечерва со мене и ќе видите како некој влегува низ прозорецот на нејзината соба дури и во ноќта спроти венчавката; ако и тогаш сé уште ја сакате, тогаш женете се утре; но подобро би ви личело на угледот да се премислите.

Клаудио

Можно ли е ова?

Дон Педро

Не ми се верува.

Дон Хуан

Ако не смеете да верувате во она што го гледате, не признавајте што знаете. Ако дојдете со мене, доволно ќе ви покажам; а кога ќе видите повеќе и ќе чуете повеќе, постапете како што сакате.

Клаудио

Ако видам нешто вечерва заради кое нема да ја земам утре за жена, ќе ја посрамотам пред сите сватови на местото на кое требаше да ја земам.

Дон Педро

А како што ја барав за тебе да ти стане жена, така ќе ти се придружам заедно да ја посрамотиме.

Дон Хуан

Нема понатаму да ја оцрнувам дури сами не се уверите; стрпете се само до полноќ, па нека се види за што се работи.

Дон Педро

О дену што наопаку тргна!

Клаудио

О јаду што толку чудно прсна!

Дон Хуан

О чумо навреме спречена!
Вака ќе кажете кога сé ќе се сврши.
(*Излегуваат.*)

Сцена 3

На улица.

(*Доаѓаат Дрен и Талпа со стража.*)

Дрен

Дали сте добри и верни луѓе?

Талпа

Да, инаку би било штета да не стигнат до спасение на душата и телото.

Дрен

Не, не, тоа би била преблага казна за нив, ако имаат барем ронка лојалност во себе, оти се одредени да го чуваат принцот.

Талпа

Добро, кажете им ја задачата, комшија Дрен.

Дрен

Како прво, кој мислите дека е најтиквар од сите за да ви биде заповедник?

Првиот стражар

Хју Еребицата, господине или Ѓорѓи Ѓеризот; тие знаат да читаат и да пишуваат.

Дрен

Дојди ваму, комшија Ѓериз; Бог ти дал име за мерак: да изгледаш добро - тоа е дарба на среќата но да читаш и пишуваш - тоа доаѓа од природата.

Вториот стражар

А двете работи, господине наредник...

Дрен

Што ги имате вие, знаев, ова сакаше да го кажеш, не? Значи, за добриот изглед, господине, заблагодарете му се на Бога и немојте да се фалите со него; за пишувањето и читањето, гледајте да ги користите кога за таквите суетности ќе нема потреба. Овде сметаат дека сте најбезумниот и најприкладниот човек за заповедник на стражата; затоа носете го фенерот. Задачата ви е ваква; - треба да ги сфаќате сите скитници; и треба секого да запирате во името на принцот.

Вториот стражар

А што ако некој не сака да запре?

Дрен

Тогаш правете се на удрен и пуштете го да си оди; веднаш потоа свикајте ги другите и заблагодарете му се на Бога што сте се оттарасиле од гадот.

Талпа

Ако не застане кога ќе му се каже стој, значи не е поданик на принцот.

Дрен

Така е. А вие треба да си имате работа само со поданици на принцот. - Потоа не кревајте врева низ улиците; оти џагорот и муабетењето на стражата треба најстрого да се толерира и нема да се трпи.

Вториот стражар

Попрво ќе спиеме одошто да муабетиме; знаеме ние што му доликува на еден стражар.

Дрен

Така бе брат; ми зборувате како добро известен и многу смирен стражар; оти не гледам како може спиењето да прави неред; само, внимавајте да не ви ги украдат балтиите. - Понатаму, треба да навратите во секоја крчма и сите пијани да ги натерате да

одат на спиење.

Вториот стражар

А што ако неќат?

Дрен

Ако неќат, неќат; оставете ги тогаш нека се отрезнат; ако и тогаш не ви дадат попаметен одговор, кажете им дека не се такви за какви сте ги мислеле.

Вториот стражар

Добро, господине.

Дрен

Ако наидете на крадец, по службена должност можете да го обвините дека не е чесен човек; а со таквите луѓе што помалку си имате работа и што помалку се мешате, толку подобро за вашиот добар глас.

Вториот стражар

Ако знаеме дека е крадец, зарем не треба да го фатиме?

Дрен

По службена должност, можете; но јас мислам дека тие што бараат белја ќе си ја најдат: најмирољубивиот начин за вас е ако ви се случи да фатите крадец, да му дозволите самиот да ви покаже кој е и да ви се искраде од вашето друштво.

Талпа

Вие секогаш сте важеле за човек со душа, ортак.

Дрен

Со право зашто по своја волја не би обесил ни пес; но греота би било да не обесам човек којшто покажува и најмали знаци на чесност.

Талпа

Ако чуете бебе да плаче во ноќта мора да ја викнете дадилката да го смири.

Вториот стражар

А што ако дадилката спие и не може да нé слушне?

Дрен

Голема работа. Во тој случај заминете си спокојно па нека детето ја разбуди со плач до небо; оти овцата што не може да си го чуе јагнете што блее, никогаш нема да го слушне телето што мука.

Талпа

Така е навистина.

Дрен

Ова се вашите задачи. Вие, заповеднику го претставувате принцот лично. Ако го сретнете принцот ноќе може да го застанете.

Талпа

Е не, жими богородица, тоа не може.

Дрен

По кило крв, ви велам, секој што барем малку ги знае прописите, ќе ви рече дека може; рака на срце, не без волја на принцот; оти, всушност, стражарот не смее никого да навреди, а да застанете човек против неговата волја е навредливо.

Талпа

Е, ова е веќе друго двајсе. Така може.

Дрен

Ете, гледате! Значи, господа, добра ноќ; ако нешто големо се случи, викнете ме; чувајте ја службената тајна сите заедно и секој за себе и добра ноќ. - Ајде комшија.

Вториот стражар

Ете господа, чувме што ни е задача; предлагам да подремиме овде на црковната клупа до два по полноќ а после сите на спиење.

Дрен

Уште нешто, чесни комшии; ве молам, внимавајте на куќата од господинот Леонато; утре таму ќе навалат сватови, па вечерва ќе врие ко во кошница. Збогум, дремете на штрек, ве молам.
(*Излегуваат Дрен и Талпа.*)
(*Влегуваат Борачио и Конрад.*)

Борачио

Еј, Конрад!

Стражарот

(*Тихо*) Сус, не мрдајте!

Борачио

Конрад, Конрадиште велам!

Конрад

Не се дери човеку, тука ти сум до лактот.

Борачио

Да бе, затоа лактот ме чеша! Веднаш намирисав дека тука има нешто шугаво!

Конрад

Ќе ти вратам за ова; а сега кажувај што имаш!

Борачио

Застани поблиску под стреава оти дождецов си капи; а јас, ко вистинска пијаница, сé подробно ќе ти турам.

Стражарот

(*Тихо*) Некакво предавство, луѓе! Сепак останете скриени.

Борачио

Еве ти кажувам, од Дон Хуан заработив илјада дукати.

Конрад

Можно ли е некое разбојништво да чини толку скапо?

Борачио

Требаше да прашаш можно ли е некое разбојништво да чини толку богато; зашто кога богатите разбојници имаат потреба од сиромашните, сиромашните разбојници можат да побараат каква сакаат цена.

Конрад

Баш чудно.

Борачио

Чудно ти е оти си ептен зелен. Самиот знаеш дека модата на еден градник, или шешир или палто не значи ништо за човекот.

Конрад

Да, се работи за алишта.

Борачио

Мислам на модата.

Конрад

Модата си е мода.

Борачио

Глупости! Исто можам да кажам будалата си е будала. Зарем не гледаш колку гнасен крадец е ваквата мода?

Стражарот

Оној Гнасен го знам; краде, седум години има; а ми се шетка ко господин; дури името му го помнам.

Борачио

Не слушна нешто?

Конрад

Не; сигурно е ветроказот на куќата.

Борачио

Зарем не гледаш, велам, колку гнасен крадец е модава? Колку лудачки ја зоврива врелата крв на сите од четиринаесет до триесет и пет? Како понекогаш ги дотерува ко оние фараонови војници од пожолтените слики; понекогаш ко свештеници на богот Бел на старите црковни прозорци; а понекогаш како избрчениот Херкул на измастените, од црвја подјадени тапети кајшто неговата амајлија изгледа огромна ко неговиот стап?

Конрад

Гледам како не гледам; гледам дури дека модата износува повеќе алишта од луѓето. Ама не ти зовре и тебе главата со модата па ми ја смени темата со приказни за модата?

Борачио

Не, ни малку. Знај дека ноќва ѝ се додворував на Маргарет, слугинката на госпоѓица Хера, како да е Хера; таа подизлезе на прозорецот на нејзината господарка и илјадапати ми посака добра ноќ, - ама чекај, ти кажувам згора-преку; - првин треба да ти кажам како принцот, Клаудио и мојот господар, поставени, сместени и известени од мојот господар Дон Хуан, оддалеку во градината ја гледаа оваа љубовна средба.

Конрад

И си помислија дека Маргарет е Хера?

Борачио

Двајца од нив сигурно, принцот и Клаудио; но ѓаволот, господарот мој, знаеше дека е Маргарет; па делумно заради неговите заклетви, на кои најпрво ги вчопи, делумно заради темната ноќ, која мошне ги измами, но најмногу заради мојата подла уједурма која ги потврди сите клевети изнесени од Дон Хуан, Клаудио замина гневен; се колнеше дека ќе ја сретне како што е договорено утре во храмот и таму пред сета свадбена поворка, ќе ја изрезили со она што ноќва го виде и ќе ја испрати дома без маж.

Првиот стражар

Ви наредуваме во името на принцот: Стој!

Вториот стражар

Викнете го првиот господин наредник; овде влеговме во трагот на најопасниот разврат што се случил во земјава.

Првиот стражар

А и Гнасниот е вклучен; го знам, фрфулот му виси.

Конрад

Аман бре луѓе, полека!

Вториот стражар

Море ќе ни го донесете Гнасниот, нема тука трте-мрте.

Конрад

Луѓее!

Првиот стражар

Тишина! Ви наредуваме: покорно пред нас напред!

Борачио

Убаво ќе си поминеме штом луѓево нé спроведуваат со секири!

Конрад

Сомнителен помин, ти тврдам. Одиме. Ви стоиме на располагање.
(*Излегуваат.*)

Сцена 4

Соба во куќата на Леонато.

(*Влегуваат Хера, Маргарет и Урсула.*)

Хера

Драга Урсула, разбуди ја братучетка ми Беатриче и замоли ја да стане.

Урсула

Веднаш, госпоѓо.

Хера

И кажи ѝ да дојде овде.

Урсула

Добро.
(*Излегува Урсула.*)

Маргарет

Навистина, мислам дека оној другиот околувратник ви стои подобро.

Хера

Не, те молам, драга Мег, ќе го носам овој.

Маргарет

Не е толку добар, навистина; а ви тврдам дека така ќе рече и братучетка ви.

Хера

Таа е будала, а будала си и ти; овој ќе го носам и точка.

Маргарет

Многу ми се допаѓа одвнатре новиот украс за глава, само косата да беше малку позатворена; а фустанот ви е по најнова мода. Сум го видела фустанот на Војвотката од

Милано што толку го фалат.

Хера

Велат нема таков на светот.

Маргарет

Ви велам, во споредба со вашиот тој личи на обична ношница. Материјалот светликав, со рабови и тантели опточени со срма; наџиџан со бисери, ракави однадвор, ракави одвнатре и дипли набрани и поставени со син брокат; но што се однесува до финоста, оригиналноста, елегантноста и извонредноста на кројката, вашиот е десетпати повреден.

Хера

Бог нека даде со радост да го носам зашто на срце многу ми е тешко.

Маргарет

Наскоро потешко ќе стане кога ќе го притисне тежината на еден маж.

Хера

Оган да те изгори! Не ти е срам?

Маргарет

Од што, госпоѓо? Од тоа што говорам чесно? Зарем не е бракот чесен и кај просјакот? Зарем не е вашиот господин чесен и без брак? Вие би сакале, да речам, со опростение, тежината на вашиот маж; ако лошите мисли не го расипуваат отвореният збор, никого нема да навредам. Дали е навредливо да се каже тежината на еден маж? Ни случајно, мислам, ако се работи за вистински маж и вистинска жена; инаку ќе се каже лесноtијата а не тежината. Прашајте ја Беатриче ако не ми верувате - еве ја доаѓа. (*Влегува Бетариче.*)

Хера

Добро утро, братучетке.

Беатриче

Добро утро, мила Хера.

Хера

Опаа, што е сега? Не ви е гласот малку зарипнат?

Беатриче

Освен зарипнатоста друго ништо не ми остана.

Маргарет

Тогаш удрете ја *Лесна љубов*; таа може и со зафатен глас; вие пејте ја а јас ќе играм.

Беатриче

Да, да, лесна љубов и нозете во вис! - И уште ако маж ви има доволно пондила, наскоро ќе му се размножи имањето.

Маргарет

Ама наопачки заклучок! Тоа го фрлам под нозе.

Беатриче

Речиси е пет, братучетке; време е да сте подготвени. Леле, ама сум болна. Оф, оф!

Маргарет

Офкате за мечок, муле или маж?

Беатриче

За буквата со која сите три почнуваат: М.

Маргарет

Ама ако не сте се потурчиле, тогаш нема повеќе пловење според ѕвездите.

Беатриче

Што сака мрднатава да каже, прашувам?

Маргарет

Јас ништо; ама бог секому нека даде она што му сака срцето.

Хера

Ракавициве ми ги прати грофот; намирисани се!

Беатриче

Целата сум затната, братучетке, ништо не чувствувам.

Маргарет

Ем девојка ем затната; кај бивало вака да се настине.

Беатриче

О, нека ми е бог на помош! О нека ми е бог на помош! Од кога станавте толку бистри?

Маргарет

Од кога вие се замативте; - зарем не ми личи?

Беатриче

Не ви се гледа доволно; треба да ја носите на капа. - Ви велам, болна сум, болна.

Маргарет

Земете си рафинирани облоги Хербум Бенедиктус и ставете си ги на срце; само така ќе ви помине болката.

Хера

Е, сега ја боцнавте кајшто ја боли.

Беатриче

Бенедиктус? Зошто Бенедиктус? Има некаква поука во тој ваш Бенедиктус!

Маргарет

Поука? Не, ви велам, нема тука никаква поука; мислев на обичен бодликав трн. Можеби мислите дека јас мислам дека можеби сте заљубени. Не, жими богородица, не сум толку мрдната да мислам што ќе ми падне на памет; нити ми паѓа на памет да мислам што сé можам да помислам, нити пак можам да помислам па дури и да цркнам од мислење, дека сте заљубени, или дека ќе се заљубите или дека можете да се заљубите; но сепак, и Бенедик беше таков па сега станал човек: се имаше заколнато дека нема да се жени, но сега, сепак, и покрај тврдоста на своето срце, си го јаде месото без приговор: а како вие ќе се преобратите не знам но, ми се чини, веќе гледате како што гледаат другите жени.

Беатриче

Во кој правец сега ти талка јазикот?

Маргарет

Сигурно не во погрешен.
(*Се враќа Урсула.*)

Урсула

Госпоѓо, повлечете се; принцот, грофот, господинот Бенедик, Дон Хуан и сите видни луѓе од градов дојдоа да ве одведат в црква.

Хера

Помогнете ми да се облечам, мила братучетке, драга Мег, добра Урсуло.
(*Излегуваат.*)

Сцена 5

- Друга соба во куќата на Леонато.

(*Влегуваат Леонато, со Дрен и Талпа.*)

Леонато

Што сакате од мене, чесен комшија?

Дрен

Па, господине, имам нешто доверливо во кое и вие сте смешани.

Леонато

Само на кусо, ве молам; и сами гледате колку сум зафатен.

Дрен

Знам, господине, еве за што се работи.

Талпа

Така е, господине, нешто се работи.

Леонато

И што е тоа, пријатели?

Дрен

Овој чесен Талпа, господине, зборува малку под пат над пат: стар е, господине, и умот не му е толку затапен, како што јас, со божја помош, би сакал да му биде но, сепак, е чесен ко кожата што му е меѓу очи.

Талпа

Да, сполај му на горниот што сум чесен ко секој жив човек на моја возраст што не е почесен од мене.

Дрен

Споредбите баздат; скрати го лафот, комшија Талпа!

Леонато

Комшии, вие ме деранжирате.

Дрен

Вашето господство така вели, но ние сме само на обичен принц службеници; но, ви велам, што се однесува до мене, да бев деранжиран ко крал, од сé срце сиот деранжман ќе ви го префрлев вам!

Леонато

Сиот твој деранжман да стане мој! Ха!

Дрен

Да, па дури и да е илјадапати поголем од мојот; оти знам дека вашето господство ужива најдобар какожман во градов; и иако сум само сиромав човек, мило ми е што тоа го слушам.

Талпа

Исто и јас.

Леонато

Би сакал да знам што имате да ми кажете.

Талпа

Всушност господине, нашата стража ноќеска, фати двајца префригани хулигани какви, со исклучок на вашето присутно господство, повеќе нема во цела Месина.

Дрен

Добар стар човек, господине; сака да си муабети; што велат: ‘А староста дојде, умот ќе си појде!’; Боже господе, што сé нема на светов! - Добро рековте, навистина, комшија Талпа; - видете, Бог е добар човек; кога двајца јаваат на ист коњ, едниот мора

да седи назад. - Чесна душа, навистина, господине; почесна здравје! Ко која било што вкусила лебец! Но Бог треба да се слави. На сите луѓе не им делиле исто, - така си е тоа, комшија.

Леонато

Навистина, пријателе, тој многу заостанува зад вас.

Дрен

Божја работа, господине.

Леонато

Сега морам да ве оставам.

Дрен

Уште нешто, господине! Нашата стража, господине, навистина сфатила две проблематични персони, и нашата желба е уште утрово да бидат сослушани пред вашето господство.

Леонато

Сами испрашајте ги и доставете ми записник; сега сум во голема брзаница како што сами можете да видите.

Дрен

Ќе биде забрзано префектирано.

Леонато

Напијте се винце пред да одите; збогум.
(*Влегува Гласник.*)

Гласникот

Господару, ве чекаат да ја предадете ќерка ви на нејзиниот сопруг.

Леонато

Еве идам; готов сум.
(*Излегуваат Леонато и Гласникот.*)

Дрен

Одете сега, ортак, одете по Франц Ќумурот; кажете му да донесе мастило и пародршка во затворот. Мораме да ги испрашаме луѓето.

Талпа

И тоа умно.

Дрен

Умот нема да го штедиме, ти тврдам; овде има (*Се чука по глава*) ум од кој некому ќе му се земе умот; само вие најдете некој учен писар да ја запише нашата екскомуникација и дојдете в затвор.
(*Излегуваат.*)

Чин ЧЕТВРТИ

Сцена 1

- Внатре во црквата.

(*Влегуваат Дон Педро, Дон Хуан, Лоенато, Свештеник, Клаудио, Бенедик, Хера, Беатриче и други.*)

Леонато

Ајде оче Франсис, бидете кратки; само едноставната форма на венчавката, а подробностите и разните должности можете и после.

Свештеникот

Вие, господару, сте спремни да ја венчате оваа дама?

Клаудио

Не.

Леонато

Да ја венча, оче? Вие сте тука да ја венчате.

Свештеникот

Вие, госпоѓице, дали сте спремни да се венчате со господинот гроф?

Хера

Да.

Свештеникот

Ако кој било од вас знае некоја скриена пречка заради која не треба да бидете соединети, ве повикувам, заради спасот на вашите души, да ја кажете сега.

Клаудио

Знаете ли вие некоја, Хера?

Хера

Не, господару.

Свештеникот

А вие, грофе?

Леонато

Си дозволувам да одговорам место него: Не.

Клаудио

О, што сé си дозволуваат луѓето! О, што сé луѓето можат да сторат! Што сé секојдневно прават! Без да знаат што прават!

Бенедик

Опа, што е сега ова? Изливи со извичници? Па да, ги има и за смеење; на пример: Ха,ха! Хе,хе! Хи, хи!

Клаудио

Тргнете се оче; - Татко, дозволете ми,
дали слободно и со чиста душа
ми ја давате момава, вашата ќерка?

Леонато

Слободно, синко, ко Бог што ми ја даде мене.

Клаудио

А што дар да ви дадам јас, чија вредност
може по богатство и бесценетост со вашиот
да се рамни?

Дон Педро

Ништо освен ако не ми ја вратите назад.

Клаудио

На благодарност ме учите, принцу.-
Еве, Леонато, земете си ја веднаш назад;
не давајте му гнила овошка на пријател;
таа само знак е и привид на честа своја.-
Гледајте како ко девственица црвенее овде!
О, во колкав привид на вистината и показ
може гревот префриган да се скрие!
Не надојде ли крвта ко смерен доказ,
сведок на доблеста проста? Зар не ќе се
заколнете сите,
сите што ја гледате, дека девственица е света
по она што се гледа? Ама не е, ви велам,
ја сетила таа страста на постелата блудна,
црвенилото не значи смерност туку вина.

Леонато

Што сакате, грофе?

Клаудио

Да не се венчам,
да не ја врзам душава со блудница пуста.

Леонато

Ама, господине, ако вие, лостејќи ја нејзе,
го скршивте отпорот на нејзината младост,
и девствеността ѝ ја совладавте, -

Клаудио

Знам што сакате да кажете; ако таа,
би рекле, ми се подала ко на маж иден
па така гревот го ублажила од претходната
наглост:
Не, Леонато,
никогаш, со ниеден збор не сум ја лостел,
туку, ко брат на сестра, ѝ откривав
срамежлива наклоност и љубов чиста.

Хера

А дали поинаква ви сум се причинила?

Клаудио

Доста! Ми се причинила! Резил ќе пукне
за тоа причинување:
ми се причинувавте ко Дијана на небо што
врти;
честита ко пупка пред да расцути дивно;
но вие сте биле понеумерена во крвта
од Венера, или од оние sверови сити
што во похота дивјачка беснеат.

Хера

Да не нешто не сте во ред штом вака бладате?

Клаудио

Принцу, зошто молчите?

Дон Педро

Што да речам?
Обесчестен сум, што сакав да го врзам
пријателот мој со најобична блудница.

Леонато

Дали добро чув? Или може сонувам само?

Дон Хуан

Господине, добро чувте, а чуеното е вистина.

Бенедик

Ова не личи на венчавка.

Хера

Вистина? - О боже!

Клауидо

Леонато, стојам ли овде?
Принцот ли е ова? Брат му ли е овој?
Ова ли е лицето на Хера? Дали очите се ова наши?

Леонато

Сé си е ова така; но што со тоа, грофе?

Клаудио

Дајте само едно прашање на ќерка ви да ѝ поставам;
и со сета татковска власт што над неа
ја имате, натерајте ја да ми одговори право.

Леонато

Ти наредувам, одговори му ако си ми ќерка.

Хера

О боже, варди ме! Леле што ме снајде!
Зошто вака ме испрашувате?

Клаудио

За низ одговор да ви го дознаеме правото име.

Хера

Зарем не се викам Хера? Кој може името
да ми го валка со правичен некој прекор?

Клаудио

Се знае кој може: Може само Хера.
Само Хера може да ја валка Херината доблест.
Кој беше тој што разговараше со вас сноштн
на прозорецот ваш помеѓу дванаесет и еден?
Ако сте девствена одговорете на ова.

Хера

Не разговарав со никого во тоа време,
грофе.

Дон Педро

Тогаш девствена не сте. - Леонато,
жал ми е што ова мора да го слушате; жими честа,
јас, брат ми и овој страдалнички гроф,
ја видовме, ја чувме во тоа време сноштн
како зборува со еден гад на прозорецот нејзин
којшто, навистина, ко развратнички бандит
ги призна блудните средби што ги имале тие многупати во тајност.

Дон Хуан

Подобро принцу
да не ги именувате, да не говорите за нив;
нема доволно девственост во овој наш јазик
без навреда, да се кажат. Затоа, убава дамо,
жал ми е за вашето нечесно однесување.

Клаудио

О Хера! Каква ли Хера ти би била
ако половина од твоите надворешни чари
на служба би биле на поривот од срцето твое!
Збогум најгрешна, најубава! Збогум,
грешнице чиста, чистото грешна!
Заради тебе ќе ја заклучам љубовната порта,
и на клепки вечен сомнеж ќе ми виси
да ја претвора убавината во мисли лоши
за никогаш повеќе да нема лицба.

Леонато

Зарем нема некој овде да ми зарие нож?
(*Хера се онесвестува.*)

Беатриче

Што ти стана сестро? Зошто падна?

Дон Хуан

Да одиме; работите изнесени на видело,
духот ѝ го затемнија.

(*Излегуваат Дон Педро, Дон Хуан и Клаудио.*)

Бенедик

Како е дамата?

Беатриче

Мртва, мислам; - помагајте стрико; -
Хера! Хера! - Стрико! - Господине Бенедик!
Оче!

Леонато

Судбино, не тргај ја твојата тешка рака!
Смртта најдобро ќе го покрие срамот нејзин
само таа треба да се посакува.

Беатриче

Како си, Хера?

Свештеникот

Смирете се, госпоѓо.

Леонато

Зарем ти уште гледаш?

Свештеникот

Гледа; зошто не би гледала?

Леонато

Зошто? Зарем не истура секоја земна творба
срам врз нејзе? Можеше ли блудот
да го порекне во крвта нејзина вгнезден?
Не живеј, Херо, не отворај очи;
да не верувам дека многу бргу ќе умреш,
дека духот твој послаб ќе биде од срамот,
самиот, проколнувајќи се себеси за навек,
животот би ти го одзел. Жалев ли што си ми
една?
Ја прекорував ли за ова природата-титиз?
О, премногу за една! Зошто останав со една?
Зошто низ очиве божица во тебе гледав?
Зошто, со милозлива рака, не посвоив
штедро
просјачко чедо од пред моите порти
за кое, кога би се вовлекло во кал и резил
би можел да кажам, Со него немам врска,
срамов потекнува од колено туѓо?
Но моето, моето што го сакав, што го фалев,
моето со кое се гордеев; мое толку многу
што повеќе од самиот себе беше мое
во споредба со мене, зошто баш таа - О,баш
таа да падне
во јама од блато, па ни широкото море
нема толку вода пак да ја исчисти сега,
или толку сол месото да ѝ го насоли
и да ѝ го сочува од гниењето што следи!

Бенедик

Господине, господине, трпение, ве молам:
дури и самиот, верувајте, зачуден сум многу
и не знам што да речам.

Беатриче

О, сигурна сум, некој на душа ја зел!

Бенедик

Госпоѓице, дали со неа спиевте сношти?

Беатриче

Не, не спиев; но тврдам дека до сношти
цела година иста делиме соба.

Леонато

Еве потврда, еве потврда! О, само се засили
она што пред малку вриеше зад железни
шипки!
Зарем принцовите да лажат? Лаже ли Клаудио
кој ја љубеше толку што, обвинувајќи ја,
се гушеше во солзи? Тргајте се од неа! Нека
умре!

Свештеникот

Слушнете ме малку;

зашто предолго само стоев и молчев,
и пуштав работите да си течат по свое,
ја гледав госпоѓицава и секако видов
илјадници авети црвенило како ѝ идат
на лице; илјадници срамови чедни
во ангелско бело што нив ги тераа;
а по нив в очи пламен ѝ се јави
навредите да ги изгорат што сите тројца
ги беа фрлиле против нејзината чедност.
Наречете ме шутрак; не верувајте на мојот
углед,
на искуството, на знаењето мое
што со печат ја потврдува содржината
на ученоста моја; не верувајте ми на воз-
раста,
на достоинството, званието, светоста моја,
ако дамава не лежи невина овде
кутната од заблуда кобна.

Леонато

Оче, не може да биде;
Сами гледате дека сета доблест што ѝ остана
е во тоа што нема да додаде на проклетството
и грев на клевета; таа не порекнува;
зошто сакате тогаш да го покриете она
чија голотија се гледа и со голо око?

Свештеникот

Госпоѓице, кој е тој за кого ве обвинуваат?

Хера

Само обвинителите знаат; јас не знам никој;
ако знам повеќе за некој жив човек
од она што девствеността моја допушта,
нека ниеден грев не ми се прости! - О, татко,
ако се докаже дека со маж сум разговарала
во непристојно време, или дека сношти
сум муабетила со кое било живо тиќе,
отфрлете ме, мразете ме, мачете ме до смрт!

Свештеникот

Нешто чудно ги излажало принцовите.

Бенедик

Двајца од нив несомнено се чесни;
и ако нешто умовите им ги сматило
тоа дошло од она копиле Хуан,
чиј дух постојано сонува подлост.

Леонато

Не знам за тоа. Ако вистината за неа ја
кажаа
со овие раце ќе ја растргнам; но ѝ згрешија
ли
и најгордиот од нив казната ќе го стигне.
Времето уште не ја исцицало крвта од мене,
ниту пак возраста до толку не ми го затапи
умот,
ниту кобта имотот ми го скуси
ни блудниот живот од пријатели ме лиши,
за да не видат, разгневен на овој начин,
колку сум силен на снага и бистар на ум,
колку сум богат со пријатели и имот
и како за клевети се враќа.

Свештеникот

Стрпете се малку,
и за оваа работа послушајте го мојот совет.
Ќерка ви овде ја оставија ко мртва;
Нека нејзе за некое време ја сокријат негде
а вие објавете дека навистина е мртва;
пред светот покажете дека сте во жалост,
а на вашата стара семејна гробница
закачете ужалени епитафи и сите редови
направете ги што одат со секој погреб.

Леонато

А што е целта?

Свештеникот

Се изведе ли сé ова добро, клеветите бргу
ќе се претворат во жалост; тоа е веќе нешто;
но не за ова ја смислувам постапкава чудна,
туку по макиве барам пород многу голем.
Дека умрела, мора на ова да останеме,
во мигот кога оклеветена била,
а ова ќе го жали, сочувствува и правда

секој што ќе чуе; бидејќи испаѓа вака
дека она што го имаме не го цениме многу
додека е наше; но кога ќе го загубиме и ќе го нема,
тогаш вредноста му ја креваме; ја откриваме тогаш
доблеста што дури сме ја имале в раце
не се гледала. Така и со Клаудио ќе биде;
кога ќе чуе дека од зборовите негови таа умре,
сликата на животот нејзин ќе се мушне милно
во работилницата на вообразбата негова;
и секој убав дел од нејзината снага
ќе се појави променет во пораскошна руба
попривлечен и подраг, пополн со живот
во окото и видот на неговата душа
одошто кога била жива; - тогаш ќе ја жали, -
ако воопшто некогаш љубов моќна сетил, -
и ќе посакува никогаш да не ја обвинил така;
да, колку и да верувал дека ја наклеветил верно.
Ако биде вака, верувам иднината
ќе скрои исход подобар многу
отколку што јас можам да го смислам сега.
Но дури и сé друго да не испадне на арно,
самата вест за смрта на госпоѓицава
ќе го збрише срамот за нејзината блудност:
а ако и тоа пропадне, сокријте ја,
што најдобро ќе ѝ личи на ранетиот глас,
во некој самотен, скрит, побожен живот
далеку од лоши очи, зли јазици, навреди и мисли.

Бенедик

Господине Леонато, послушајте го овој совет;
и иако ги знаете моите посветеност и љубов
кон Клаудио и кон принцот, сепак,
во честа ви се колнам, ќе постапувам во ова
најскришно и најправично ко душата ваша
кон телото што ви постапува.

Леонато

Давејќи се во маки,
и за најмалата сламка ќе се фатам.

Свештеникот

Одиме; добро е што прифативте
зашто само чуден лек, чудните рани ги лечи.
Ајде, госпоѓице, умрете за да живеете; свадбава
може е само одложена; треба само да се издржи.
(*Излегуваат Свештеникот, Хера и Леонато.*)

Бенедик

Госпоѓице Беатриче, цело време плачевте?

Беатриче

Да; и уште долго ќе плачам.

Бенедик

Не посакувам да е така.

Беатриче

Нема зошто да посакувате; плачам по своја волја.

Бенедик

Секако; верувам дека на вашата убава братучетка ѝ е нанесена неправда.

Беатриче

Боже колку би ме задолжил човекот што би ѝ донел правда.

Бенедик

Постои ли начин да се покаже такво пријателство?

Беатриче

Има многу прост начин но нема таков пријател.

Бенедик

Може ли човек да го изврши?

Беатриче

Тоа е работа за човек но не и за вас.

Бенедик

Најмногу од сé на светот ве сакам вас. Не е ова чудно?

Беатриче

Чудно е ко што ми е чудно непознатото. Исто би можела и јас да речам дека најмногу од сé ве сакам вас; но не верувајте ми; а сепак не лажам; ништо не признавам, ништо не порекнувам - само ми е жал за братучетка ми.

Бенедик

Жими мечов, Беатриче, ти ме сакаш.

Беатриче

Немојте да се колнете во него, може да го голтнете.

Бенедик

Се колнам во него дека ме сакаш; а ќе го натерам да го голтне оној што вели дека јас не те сакам.

Беатриче

И нема да си го голтнете зборот?

Бенедик

Дури ни со највкусниот зачин што оди со него: ти изјавувам дека те сакам.

Беатриче

Е, тогаш, бог нека ми прости.

Бенедик

Што да ти прости, мила Беатриче?

Беатриче

Што ме пресековте во убав час. Таман сакав да ви изјавам дека ве сакам.

Бенедик

Да ми изјавиш со сето твое срце?

Беатриче

Ве сакам со сето срце и немам со што друго да ви изјавам.

Бенедик

Ајде, нареди ми нешто да сторам за тебе.

Беатриче

Убијте го Клаудио.

Бенедик

Што? Не ми паѓа на памет.

Беатриче

Одбивајќи ме убивате мене. Збогум!

Бенедик

Чекај малку, мила Беатриче.

Беатриче

Сметајте дека сум заминала иако сум тука; - во вас нема љубов; - не, ве молам, пуштете ме да одам.

Бенедик

Беатриче, -

Беатриче

Навистина сакам да си одам.

Бенедик

Првин да станеме пријатели.

Беатриче

Полесно се дрзнавте да ми бидете пријател одошто да се борите против мојот непријател.

Бенедик

Дали Клаудио ти е непријател?

Беатриче

Зарем тој не се покажа како најголем подлец што ја наклевети, навреди и посрамоти мојата роднина? - О, камо да сум маж! - Типот ја носеше на раце до таму кајшто требаше рацете да им се спојат во свет брак, а таму - со јавни клевети, лажни обвинениja, со невидена свирепост, - О боже, камо да сум маж! Срцето ќе му го искорнам и ќе му го изедам насред плоштад!

Бенедик

Слушај, Беатриче;-

Беатриче

Зборувала со маж од прозорец! - Ама најде изговор!

Бенедик

Ама, Беатриче; -

Беатриче

Милата Хера! - зло ѝ е нанесено, наклеветена е, уништена.

Бенедик

Беатр...

Беатриче

Принцови и грофови! Да, да, сведочење на принц, грофчето - конте, конте и пол; гурабија од грофче, нема што! О камо да сум маж заради него! Или барем да имам пријател што ќе биде маж заради мене! Но машкоста се истопила во клањање, храброста во учтивост и мажите станале обични алапачи, и тоа љубезни; кој денеска само излаже а потоа се заколне во тоа, веднаш е храбар како Херкул. - Не можам да станам маж по своја желба, затоа сакам да умрам ко жена сета во јад и чемер.

Бенедик

Чекај, мила Беатриче. Жими ракава, те сакам.

Беатриче

Употребете ја за моја љубов на друг начин а не во неа да се колнете.

Бенедик

Дали в душа сте уверени дека грофот Клаудио ѝ нанесе неправда на Хера?

Беатриче

Да, уверена сум ко што знам дека имам ум и душа.

Бенедик

Тоа ми е доволно; се обврзувам дека ќе го предизвикам на двобој; ви ја бакнувам раката и ве оставам. Жими ракава, Клаудио скапо ќе ми плати. Судете за мене по она што за мене ќе чуете. Одете, утешете ја братучетка ви. Јас морам да велам дека е мртва; значи, збогум.
(*Излегува.*)

Сцена 2

Затвор.

(*Влегуваат Дрен, Талпа, и Писар во свечени алишта; Стражари, Конрад и Борачио.*)

Дрен

Дали сите присутни не се отсутни?

Талпа

О, столче и перниче за пародршкарот!

Писарот

Кои се престапниците?

Дрен

Јас и колегата.

Талпа

Така е; наше е да го испитаме престапот.

Писарот

Ама ви велам кои се виновниците што треба да се испитаат. Нека застанат пред господинот наредник.

Дрен

Така е, нека застанат пред мене. - Како се викате, пријателе?

Борачио

Борачио.

Дрен

Ве молам запишете - Борачио. - А вашето, момче?

Конрад

Господине, господине и се викам Конрад.

Дрен

Запишете - господин господин Конрад. - Господа, дали му служите на господа?

Борачио/Конрад

Да, господине, се надеваме.

Дрен

Запишете - се надеваат дека му служат на бога; - и запишете го првин бог; зашто не дај боже бог да не е пред вакви едни разбојници! - Господа, веќе е докажано дека сте без малку исто што и лоши гадови; и наскоро ќе се поведе истражна постапка дека сте такви. Што имате да кажете во своја одбрана?

Конрад

Што е право, право е господине: ние велиме дека не сме.

Дрен

Неверојатно префриган фраер, велам; ама многу бргу ќе му го сменам умот. - Дојди ваму, момче; да ви шепнам нешто на уво; ви велам, постои сомневање дека сте подли гадови.

Борачио

Ви велам, господине, дека не сме.

Дрен

Добро, застанете на страна. - Жими бога, гледам се договориле. Дали запишавте дека не се?

Писарот

Господине наредниче, не ги испрашувате како што треба; треба да ги повикате стражарите што ги обвинуваат.

Дрен

Навистина, тоа би бил правиот начин. - Нека влезат стражарите. - Господа стражари, во името на принцот ви наредувам: Обвинете ги.

Првиот стражар

Овој човек овде, господине, рече дека Дон Хуан, братот на принцот, е подлец.

Дрен

Запишете - принцот Хуан е подлец. - Опа, па тоа е отворено кривоклетство да се нарече братот на принцот подлец.

Борачио

Господине наредниче, -

Дрен

Сус, гаду кога ти велам; не ми се допаѓаш, запамети.

Писарот

Дали рече уште нешто?

Вториот стражар

Рече дека примил илјада дукати од Дон Хуан за лажно да ја обвини госпоѓицата Хера.

Дрен

Очигледно разбојништво без преседан!

Талпа

Да, да жими свети Илија, мора да е тоа.

Писарот

И што друго, човеку?

Првиот стражар

И дека грофот Клаудио решил, на таквото негово обвинение, да ја унижи Хера пред сите свадбари и да не ја земе за жена.

Дрен

Подлец невиден! За ова ќе те осудат на вечно спасение!

Писарот

И што друго?

Вториот стражар

Ништо друго. Тоа е сé.

Писарот

А и ова е повеќе господо од она што би можеле да го порекнете. Принцот Хуан утрово киднал без трага. Хера била на овој начин наклеветена, баш на ваков начин отфрлена и од голема жал и мака ненадејно умрела. - Господине наредник, врзете ги луѓево и одведете ги кај Леонато; Јас одам пред вас да им го покажам записникот од сослушувањето.
(*Излегува.*)

Дрен

Ајде, оковајте ги во пранги!

Талпа

Ставете им лисици!

Конрад

Тргај ги рацете, глупчо!

Дрен

Мене ми велиш? Каде е писарот? Нека запише дека чиновникот на принцот е глупчо. Ајде, врзете ги. - Хохштаплер еден никаков!

Конрад

Тргајте се од мене! Вие сте магаре, вие сте магаре.

Дрен

Зарем не ми го копитуваш звањето? Зарем не ми ја копитуваш возраста? - О, што не е тука писарот па да запише дека сум магаре! Ама вие луѓе, запомнете дека сум магаре. Иако нема да биде запишано сепак запомнете дека сум магаре. - Ќе видиш ти, гаду, полн си пиетети а тоа и ќе го докажам со сведоци, не сум јас глуп; туку сум чиновник и уште домаќин и уште убаво парче месо како кој било друг во Месина; и уште човек сум што го знае законот, ами што? И човек сум мошне богат, ами што си мислиш? И човек што имал губитоци; и човек сум со два костума и сé на мене е педантно и чисто. - Водете го! О, камо да беше запишано дека сум магаре!
(*Излегува.*)

Чин ПЕТТИ

Сцена 1

Пред куќата на Леонато.

(*Влегуваат Леонато и Антонио.*)

Антонио

Ако продолжите вака, ќе ве снема;
не е паметно да ја потхранувате тагата
против себе.

Леонато

Ве молам, доста со совети,
кои низ уши ми врват бесполезно
ко вода низ решето; нема да слушам;
и неќам тешител ушите да ми ги полни
освен ако болот не му е рамен на мојот.
Најди татко што толку детето си го сакал,
а чија љубов татковска згазната е толку
и речи му да биде стрплив;
болот измери му го по должина и ширина
со мојов,
на секоја болка да одговара со болка;
на секоја мака со друга мака и тоа точно
во секоја цртка, делче, облик или форма;
ако таквиот се смее и брадата си ја мазни,
и тагата ја тера од себе со мрмкање и шепот
тогаш кога треба до небо да офка,
и со поговорки јадот го крпи, чемерот со свеќи
го опива, - таквиот донеси ми го
и од него сигурно на стрпливост ќе се научам.
Ама таков нема; оти луѓето, брате,
советници и тешители се добри само при болка
што сами не ја чувствуваат; но, ако ја вкусат,
мудроста нивна во страст се претвора, што пред тоа
толку лечбено и стручно го скротувала гневот
лудилото го сошивала со свилен конец,
болот со здив го терала, со зборови јадот;
не, не; лесно е за трпение да им се блада
на тие што офкаат под товарот на болот;
но не постои човечка доблест што толку
ревносна ќе биде кога некој самиот
на мака ќе се најде; затоа, не тешете ме со мудрост:
Тагата посилно ми вришти од секој совет.

Антонио

Во тоа луѓето не се разликуваат од деца.

Леонато

Ве молам, доста. И јас сум од крв и месо.
Зашто сé уште не се родил философ на светот
што може забоболката мирно да ја трпи,
без оглед колку пишувале на божји начин
и се инаетеле на случајот и тешките маки.

Антонио

Сепак немојте сета болка на срце да ви тежи;
и тие што ве навредија нека страдаат малку.

Леонато

Сега говориш умно; тоа секако ќе го сторам.
Душава ми вели дека Хера е наклеветена.
А ова нека го знае Клаудио; нека го знае и принцот
и сите други што честа ѝ ја обесчестуваат.

Антонио

Еве ги идат Клаудио и принцот.

(*Влегуваат Дон Педро и Клаудио.*)

Дон Педро

Добар ден, добар ден.

Клаудио

Добар ден на објацата.

Леонато

Чујте ме, господа, -

Дон Педро

Брзаме, Леонато.

Леонато

Брзате, господару? - тогаш, збогум, господару;-
Зошто наеднаш брзате? - Тогаш, добро.

Дон Педро

Не карајте се со нас, човеку добар.

Антонио

Да може правината да ја добие со кавга
некој од нас ќе си го добие.

Клаудио

А кој му чини кривда?

Леонато

Ти, подлецу, кој друг ако не ти?
Немој, не пуштај ја раката по мечот -
не ти се плашам.

Клаудио

Нека ми се исуши оваа рака
ако некогаш ја загрози вашата старост;
раката ништо не ми сакаше од мечот.

Леонато

Замолчи, човеку; без клештење и шеги;
не ти говорам ко изветреан старец или шутрак;
за, под закрила на староста, да се фалам
што сум сторил како млад или што ќе сторам
да не сум стар. Знај, Клаудио, в лице ти велам,
ти толку нé навреди мене и моето невино дете
што сум присилен од достоинството да се откажам свое
и сиот сед, дрт од модриците на годините
да те предизвикам на двобој како човек.
Велам, ти ми го наклевети невиното дете;
клеветата твоја го распара нејзиното срце
и сега лежи закопана со своите претци, -
О! Во гробницата кајшто никогаш не спиел срамот
освен овој нејзин, од подлоста твоја смислен.

Клаудио

Подлоста моја?

Леонато

Твојата, Клаудио; твојата, велам.

Дон Педро

Грешите многу, старецу.

Лоенато

Господару, господару,
ќе докажам на него ако смее да се дрзне
и покрај вештината негова и активните вежби,
цутот на младоста и блудната сила.

Клаудио

Тргнете се, со вас нема да бијам мегдан.

Леонато

Зарем вака сакаш од мене да се спасиш?
Детето ми го уби;
ако ме убиеш мене, ќе убиеш барем маж.

Антонио

Ќе убие двајца и тоа вистински мажи;
но да почекаме; првин нека убие еден; -
првин мене; - нека мене ми излезе на двобој.-
Ајде, по мене, момче; по мене, момче, ајде;
господине момче, со камшик ќе ви го истерам
тој дрзок меч од раце, се колнам!

Леонато

Брате, -

Антонио

Смирете се. Бог знае колку внука ми ја сакав.
А таа е мртва, од подлеци наклеветена смртно,
што смеат на маж да му излезат на мегдан
колку што јас смеам змија да фатам за јазик;
подлеци, мајмуни, фалбации, пилиштарци, гниди!

Леонато

Брате Антонио, -

Антонио

Молчете. Мажишта! Ги знам јас таквите добро, в душа ги знам,
знам колку тежат, колку им чини алот, -
Вообразени, дрски, безобразни прчловци,
што лажат, мамат, потценуваат, клеветат и пцујат;
ќе се накинџурат па само надворешно влеваат уплав,
повторувајќи едни те исти лути зборови
што ќе му сторат на душманот ако се дрзне и толку.

Леонато

Ама, брате Антонио, -

Антонио

Нема ама, сé е тоа глупост;
не мешајте се, јас со ова ќе се справам.

Дон Педро

Немаме намера, господо, трпението ваше да го ставаме на проба. Од срце жалам за смртта на ќерка ви; но, ви се колнам со ништо не беше обвинета освен со чиста вистина потврдена и докажана со факти.

Леонато

Господару, господару, -

Дон Педро

Одбивам да ве слушам.

Леонато

Одбивате?
Ајде брате, да одиме. - Сакам да ме чујат.

Антонио

И ќе ве чујат
или некој ќе мора скапо да плати.
(*Излегуваат Леонато и Антонио.*)

Дон Педро

Гледај, доаѓа човекот кого тргнавме да го бараме.
(*Влегува Бенедик.*)

Клаудио

Но, господине, што е ново?

Бенедик

Добар ден, господару.

Дон Педро

Добро ни дојдовте, господине; за малку ќе стигневте да раздвоите две лути страни подготвени за борба.

Клаудио

За малку носевите ќе ни ги одгризеа двајца штрби старци.

Дон Педро

Леонато и брат му. Што мислиш? Да се обидевме не ќе бевме доволно млади за нив, не?

Бенедик

Во нерамна борба ни храброста не е рамна. Дојдов да ве побарам и обајцата.

Клаудио

И ние насекаде те баравме; зашто црни ни се душите од тага и сакаме некој да ни ги разведри. Ќе го извлечеш малку духот?

Бенедик

В канија ми е; да го вадам?

Дон Педро

Не знаев дека духот ти е закачен за појас.

Клаудио

Барем му е закачен а не откачен како кај некои други. - Барам да повлечеш ко гуслярот што го влече гудалото за да не развесели.

Дон Педро

Блед е ко крпа. - Што ти е? Да не си болен или лут?

Клаудио

Еј, дај си кураж, човеку! Ако секирацијата ја уби мачката, тебе доволно ти стиска да ја убиеш секирацијата!

Бенедик

Господине, ќе се судрам со вашите духовити налети ако ги насочите кон мене. Ве молам, друга е темата.

Клаудио

Тогаш да му дадеме друг меч; овој му се скрши на две.

Дон Педро

Тој побледува сѐ повеќе; мислам дека навистина е лут.

Клаудио

Ако е, тогаш точно знае како да се одлути.

Бенедик

Може нешто да ви шепнам на уво?

Клаудио

Не дај боже да ме викне на двобој!

Бенедик

Вие сте подлец. - Не се шегувам; - Ќе ви докажам како сакате, со што сакате и кога сакате. - Задоволете ме или ќе разгласам дека сте кукавица. Вие убивте една прекрасна дама а нејзината смрт паѓа на ваша душа. Известете ме што сте решиле.

Клаудио

Добро, ќе дојдам за да не испуштам ваква гозба.

Дон Педро

Што? Гозба? Пир?

Клаудио

О, да, благодарен сум му; ме покани на телешка глава и петле без куре; и ако не ги исечам како што треба, кажете дека ножот ми е за никаде. А нема да има и една ветрушка?

Бенедик

Господине, духот добро ви каска, лесен ви е.

Дон Педро

Ќе ти кажам како оној ден Бетариче ти го фалеше духот; реков дека имаш фин дух; така е, рече таа, ама мал. Не, реков јас, духот му е голем; точно, рече таа, голем ама несолен. Не, реков, добар дух. Само, рече таа, што никого не повредува; не, реков јас, господинот е умен. Секако, рече таа, умен и румен господин. Не, реков јас, тој владее со јазици. Верувам, рече таа, ми се заколна на нешто понеделникот навечер а вторникот сабајле веднаш го порекна. Владее тој со двоен јазик, со два јазика. Така таа цел еден час ја извртуваше секоја твоја доблест; сепак, на крајот, заклучи со воздишка, дека попривлечен маж од тебе нема во цела Италија.

Клаудио

На што почна да плаче и рече дека исто ѝ се фаќа.

Дон Педро

Да, баш така стори; но сепак, и покрај сé кога толку страшно не би го мразела, страсно би го сакала; сé ова ни го кажа ќерката на старецот.

Клаудио

Сé ни кажа, сé; а згора на сé Бог го виде кога се сокри во градината.

Дон Педро

Но кога ќе ги ставиме роговите од дивиот бик врз сетената глава на Бенедик?

Клаудио

Да, и тоа со текст под нив: овде лежи Бенедик, оженет човек?

Бенедик

Збогум, момче; вие знаете што мислам. Ве оставам сега во вашиот озборувачки занес; вие правите шеги ко фалбаџиите што ги кршат своите мечеви, кои, сполај му на горниот, никого не повредуваат. - Господару, ви благодарам за многуте добрини што ми ги имате направено; од сега натаму не ќе можам да бидам со вас; вашиот брат, копилето, побегна од Месина, а вие, заедно со него убивте една благородна и невина дама. Што се однесува до господинот Пилиштарец овде, со него допрва ќе се сретнеме; а до тогаш мир нека има во него.
(*Излегува Бенедик.*)

Дон Педро

Сериозно мисли.

Клаудио

Посериозно здравје; а и ви тврдам дека е од љубов кон Беатриче.

Дон Педро

И те предизвика?

Клаудио

Многу јасно.

Дон Педро

Навистина е убаво кога човек излегува по маица и по ѕиври а умот го остава дома!

Клаудио

Тогаш е џин во споредба со мајмунот; но потоа мајмунот е доктор на науки во споредба со него.

Дон Педро

Ама, застанете, чекајте малку; прибери се срце и биди сериозно! Нели рече брат ми побегнал?
(*Влегуваат Дрен, Талпа, Стражата со Борачио и Конрад.*)

Дрен

Ајде, вие, господине; ако правдата не може да ве скроти, ниедно оправдување не ќе може повеќе да измери на својата терезија; да, да, а еднаш се покажете како гаден дволичник, треба вечно да се внимава на вас.

Дон Педро

Што е ова? Двајца од луѓето на брат ми врзани! Едниот Борачио!

Клаудио

Распрашајте се што згрешиле, господару.

Дон Педро

Господа чиновници, што згрешиле овие двајца?

Дрен

Видете господине, рашири лажна вест; згора на тоа, говореа невистини; како второ, клеветници се; како шесто и последно, оптужија лажно една дама; како трето, оверија неточни состојби: и да заклучам, тие се лажговци и подлеци.

Дон Педро

Како прво, те прашувам што направиле; како трето, те прашувам што згрешиле; како шесто и последно за што се обвинети; и како последно за што се притворени?

Клаудио

Еве ви правилно резонирање и по негов терк; и, жими бога, една мисла добро променета.

Дон Педро

Кому згрешивте, господа, па треба врзани да одговарате? Овој учен наредник е преинтелигентен да го разберам. Што згрешивте?

Борачио

Мил принцу, дозволете пред вас да заврши сé; сослушајте ме а овој гроф овде нека ме убие. Ве излажав дури и вас лично; она што вие со сета ваша мудрост не го видовте, го откри овие плитки тиквари овде; кои, ноќе, ме слушнаа како му признавам на овој човек како Дон Хуан, вашиот брат, ме навлече да ја наклеветам госпоѓицата Хера; како вие бевте наведени да дојдете во градината за да ме видите мене како ѝ се додворувам на Маргарет облечена во алиштата на Хера; како ја осрамотивте на денот на венчавката; сето мое разбојништво тие го пикнаа во записник којшто попрво би го запечатил со мојата смрт одошто да го повторам на мој резил. Дамата е мртва заради лажното обвинување мое и на мојот господар; или на кратко, не барам ништо повеќе отколку наградата што му следи на еден подлец.

Дон Педро

Не ви тече ли овој говор ко железо низ вашата крв?

Клаудио

Отров пиев дури говореше.

Дон Педро

Дали брат ми те навлече на ова?

Борачио

Да; и дебело ме плати за изведбата.

Дон Педро

Тој е создаден и изделкан од предавство;
и побегна токму заради оваа подлост.

Клаудио

Мила Херо! Ликот твој пред себе го гледам
во убавината заради која во тебе се вљубив.

Дрен

Ајде, водете ги тужителиве. До сега нашиот
писар го има реформирано господинот Лоенато за работава; и луѓе, не заборавајте
да специфицирате во свое време и на свое
место, дека сум магаре.

Талпа

Еве го иде господарот Леонато, а и писарот.
(*Се враќаат Леонато и Антонио со Писарот.*)

Леонато

Кој е подлецот? Очите да му ги видам
за кога ќе забележам сличен на него
да го избегнам; кој од овие е тој?

Борачио

Ако сакате да знаете кој ви згрешил
гледајте во мене.

Леонато

Ти си робот што со својот здив го уби
невиното мое дете?

Борачио

Да , јас сум, само јас.

Леонато

Не, подлецу, сам себеси се лажеш,
овде стојат и двајца многу чесни мажи -
третиот ја збриша - кои се вмешани во тоа. -
Ви благодарам, господа, за смртта на ќерка ми,
запишете ја ко едно од вашите славни дела;
навистина мајсторски го извршивте.

Клаудио

Не знам како да ве измолам за благост,
но мора да зборувам. Одмаздата изберете ја сами;
осудете ме на казна што фантазијата ваша
ќе ја смисли за гревот мој; сепак гревот
во заблуда го сторив.

Дон Педро

Во бога ви се колнам, исто и јас;
но сепак, за да се задоволи добриов старец,
ќе се подведнам под која било тешка мака
која тој ќе ми ја наметне.

Леонато

Не можам да ви наредам ќерката да ми ја оживите -
тоа е невозможно; но и двајцата ве молам
објавете им на луѓето во Месина овде
дека невина умре; и ако љубовта ваша
творечки е расположена во времиња тажни
ставете напис на гробот нејзин,
и на пепелта пејте ѝ; пејте ѝ ноќва
а утре наутро дојдете кај мене дома;
и бидејќи не можете да ми станете зет,
бидете ми внук; брат ми има ќерка
речиси иста ко моето мртво чедо.
И само таа е наследничка на обајцата нас;
нејзе дајте ѝ го долгот што на братучетка ѝ
ѝ го долгувавте па одмаздата ќе ја снема.

Клаудио

О господине благороден,
љубезноста преголема солзи од мене влече!
Понудата ја примам; па од денес
со кутриот Клаудио управувајте.

Леонато

Утре, значи, ве очекувам кај мене;
за денеска, збогум. - Овој подлец овде
треба со Маргарет да се соочи
која, верувам, вмешана била во ова
од брат ви поткупена.

Борачио

Не, се колнам, не знаеше таа
што говори кога зборуваше со мене;
секогаш била доблесна и чесна
во она што од неа несакајќи го дознав.

Дрен

И згора на сé, господине, иако, велам, не
е баш така црно-бело, овој тужител овде,
оптуженият, навистина ме нарече магаре; ве
молам, нека се земе и ова во предвид при
одмерувањето на казната. А исто така, стра-
жата ги чу како говорат за некој Гнасен;
велат носел клуче в уво а на него висел ката-
нец; тој позајмува пари во име на бога и
никогаш не ги враќа, марифетлук што толку
долго го применува што луѓето веќе отврд-
наа на срце па никој не позајмува ништо во
име на бога; ве молам распрашајте го и за
ова.

Леонато

Ти благодарам за чесниот труд и грижа.

Дрен

Вашето благородство говори како многу
благодарен и смерен млад човек; за тоа на
Бога му благодарам.

Леонато

Еве ти за трудот.

Дрен

Бог нека го чува Социјалното!

Леонато

Оди; те ослободувам од затвореникот и ти се
заблагодарувам.

Дрен

Ви го оставам префриганиов разбојник и ве
молам да се поправите како пример за дру-
гите. Нека бог го поживее вашето благород-
ство! Му посакувам на вашето благородство
само арно! Нека Бог бргу ви го врати здрав-
јето! Покорно ви давам дозвола да заминете;
и ако повторно може да се посака ново виду-
вање, го молам бога да го забрани. - Ајде,
комшија.
(*Излегуваат Дрен и Талпа со стражарите.*)

Леонато

До утре наутро, господо, збогум.

Антонио

Збогум, господо. Ве очекуваме утре.

Дон Педро

Ќе бидеме таму.

Клаудио

Ноќеска ќе тагувам за Хера.
(*Излегуваат Дон Педро и Клаудио.*)

Леонато

Водете ги апашиве; ќе ја испитам Маргарет
како се зближила со овој блуден токмак.
(*Излегуваат.*)

Сцена 2

Во градината на Леонато.

(*Влегуваат Бенедик и Маргарет.*)

Бенедик

Те молам, мила госпоѓице Маргарет, ќе ме задолжиш ако ми помогнеш да зборувам со Беатриче.

Маргарет

А дали потоа ќе ми напишете сонет со пофалби за мојата убавина?

Бенедик

На толку висок стил ќе те возвишам, Маргарет што никој жив маж не ќе може да биде над тебе, зашто, што е право, ти тоа и го заслужуваш.

Маргарет

Цел живот да не видам маж над мене? Па вечно да останам под скали?

Бенедик

Духот ти е итер ко муцка на загар; фаќа во лет.

Маргарет

А вашиот е тап ко мечот за вежбање на мечувалецот; погодува ама не повредува.

Бенедик

Типично машки дух, Маргарет; не повредува жена; затоа те молам, викни ја Беатриче; ти го предавам штитот.

Маргарет

Море дајте ни ги нам мечевите; штитови и самите си имаме.

Бенедик

Ако ги употребите, Маргарет, мора да вглавите запци на вртење; а тие се опасно оружје за девојки.

Маргарет

Добро, ќе ви ја викнам Беатриче која мислам дека има нозе.
(*Излегува Маргарет.*)

Бенедик

Според тоа ќе дојде
Пее. Богот на љубовта
од висини што повта
и ме знае, и ме знае
колку мачно заслужувам, -

Мислам за пеење; но што се однесува до љубовта - добриот пливач Леандер, Троил, првиот вработувач на сплеткари и цела една книга од извикани кавалиери од спалните соби, чии имиња и сега мазно се лизгаат по рамните друмови на белиот стих, ниеден од нив, велам, не биле вака вртени и превртувани во љубовта како што сум кутриот јас. Да ти се плукнам, кај можам јас сето ова да го пикнам во рима? Пробав, не велам не; ама единствена рима што ми текнува за *тебе*, на пример, е *бебе* - многу невина рима; за *бог*, *рог* - многу остра рима; за *мала*, *будала* - многу џагорлива рима; сé некои чудни завршетоци. Не, не сум роден под поетско небо ниту пак знам да се додворувам на свечен начин.
(*Влегува Бетариче.*)
Мила Беатриче, зарем се osвиваш на мојот повик?

Беатриче

Да, господине, и ќе си одам тогаш кога ќе ми речете.

Бенедик

Тогаш остани до тогаш!

Беатриче

Веќе рековте *тогаш;* си одам сега; - но сепак, пред да одам, сакам да заминам со она по кое дојдов, а тоа е, да знам што си кажавте вие и Клаудио.

Бенедик

Само лоши зборови; затоа, дај ми да те бакнам.

Беатриче

Лошите зборови се само лош ветер, лошиот ветер е само лош здив, а лошиот здив лошо базди; затоа си одам небакната.

Бенедик

Ти овој збор го преплаши и истера од вистинската смисла, толку ти е жесток духот. Но ти кажувам просто; го предизвикав Клаудио на двобој; па, или бргу ќе ми одговори или ќе го прогласам за кукавица. А сега те молам, кажи ми, заради кои мои лоши особини првпат се заљуби во мене?

Беатриче

Заради сите нив заедно; кои направија толку цврст сојуз на лошотилоци што не дозволуваат ниедна добра особина да се мушне меѓу нив. Но заради кои мои добри особини најнапред ви се случи љубов кон мене?

Бенедик

Ми се случи љубов? - Добро кажано! Навистина ми се случува љубов зашто те сакам против своја волја.

Беатриче

А за срцето и да не зборуваме, не? Кутро срце! Ако му се инаетите заради мене, јас ќе му инаетам заради вас, зашто никогаш нема да го сакам она што мојот пријател го мрази.

Бенедик

Препаметни сме за да си се додвоpуваме мирно.

Беатриче

Тоа не се гледа од ова признание; од дваесет умни луѓе нема ниеден што сам ќе се фали.

Бенедик

Старо, старо правило, Беатриче, уште од времето кога имаше кој да нé фали; а во денешно време, ако човек сам не си подигне споменик пред да умре, ќе го паметат само дури бијат камбаните и дури плаче вдовицата.

Беатриче

А колку е тоа, што мислите?

Бенедик

Уште прашуваш: - еден час биење и четврт час шмркање и солзи: затоа за умен човек - ако господинот Црв, неговата совест не се спротивстави - најпаметно е сам да си ги фали добрите особини, ко јас што си ги фалам своите. Толку за тоа зошто сам си се фалам зашто, еве самиот сведочам, има и што да фалам; но кажете ми, ве молам, како е братучетка ви?

Беатриче

Многу болна.

Бенедик

А вие?

Беатриче

И јас сум многу болна.

Бенедик

Почитувајте го бога, сакајте ме мене и закрепнете. Тука ве оставам зашто некој доаѓа што многу брза.
(*Влегува Урсула.*)

Урсула

Мадам, морате веднаш кај стрико ви. Во куќата е хаос: сé докажа дека госпоѓицата Хера била лажно обвинета, принцот и грофот Клаудио подло измамени а клучот за сé е Дон Хуан којшто побегна и го нема. Ќе дојдете веднаш?

Беатриче

Сакате да дојдете и вие, господине, да ги чуете новостите?

Бенедик

Сакам да ви живеам в срце, да ви умрам в скут, да ме закопаат во вашите очи; и уште сакам, да дојдам со вас кај стрико ви.
(*Излегуваат.*)

Сцена 3

Во црковниот двор.

(*Влегуваат Дон Педро, Клаудио, придружба.*)

Клаудио

Дали е ова гробницата на Леонато?

Придружникот

Таа е, господару.

Клаудио

(*Чита од свитокот.*)
До смрт оклеветена од јазици лоши
беше Хера што овде лежи;
смртта сега овде ѝ носи
слава што на маките ѝ противтежи.
Така животот што во срамота зајде
во смртта живее, слава најде.
Нека ова на гробот сега се стави
за кога ќе ме нема, нејзе да ја слави. -
Сега засвирете и тажно запејте.

ПЕСНА

Прости им, божице на ноќта
на тие што девственицата ја убија твоја;
за која тажната им липа муза
па околу гробот нејзин кружат.
Полноќ, помогни во плачот,
помогни во воздивот, во лачот,
тажно е, тажно;
гробови зинете, мртвило гори
дури за смртта се говори,
тажно е, тажно.

Клаудио

Сега лека ноќ; ова доаѓање свето
ќе се повторува секое лето.

Дон Педро

Добро утро, луѓе; гаснете ги факелите,
волците се сити; и гледајте со денот, гриви
од кочиите на Фебо кои низ пределите
го шарат поспаниот исток со дамки сиви.
Благодарам на сите. А сега со здравје!

Клаудио

Добро ви утро. Секој патот нека си го гледа.

Дон Педро

Одиме, ајде, друга да облечеме руба
а потоа одиме кај Леонато на време.

Клаудио

Нека Химен не ни даде повеќе толку груба
тага ко оваа што ја оплакавме, со толку
тешко бреме!
(*Излегуваат.*)

Сцена 4

Соба во куќата на Леонато.

(*Влегуваат Леонато, Антонио, Бенедик, Бетариче, Маргарет, Урсула, Свештеникот и Хера.*)

Свештеникот

Нели ви реков дека е невина?

Леонато

Исто како и принцот и Клаудио; кои ја набедија
во заблудата за која сега овде чувте;
но Маргарет има мала вина во ова,
иако не по своја волја, како што се гледа
откако работите си дојдоа на свое место.

Антонио

Мило ми е што на крајот сé добро се сврши.

Бенедик

И јас, бидејќи веќе не сум врзан
од младиот Клаудио да барам сметка.

Леонато

Па, ќерко и вие благороднички сите,
повлечете се сега во одајата сами;
а кога ќе ве викнам, дојдете под маски;
принцот и Клаудио ветија во ова време
да ме посетат. - Знаете и вие што треба,
брате;
мора да сте татко на братовата ќерка;
и предајте му ја на Клаудио.
(*Излегуваат дамите.*)

Антонио

Ќе го изведам јас тоа без и најмал проблем.

Бенедик

Оче, ќе мора малку да ве измачам, мислам.

Свештеникот

А што треба да сторам?

Бенедик

Да ме венчате или да ме закопате, од двете едно.
Господине Леонато, вистина е, господине добар
дека внука ви со милно око на мене гледа.

Леонато

Тоа око од ќерка ми го позајми. Токму така.

Бенедик

А и јас со вљубено око ѝ возвраќам.

Леонато

Поглед, чинам, што од мене го добивте,
од Клаудио и од принцот. Но што ви е по волја?

Бенедик

Нејасен, господине, ви е одговорот:
а што се однесува до волјата, моја волја е
вашата добра волја со нашите да се сложи
па уште денеска да се споиме во чесен брак; -
а за што, добар оче, од вас помош барам.

Леонато

Срцево мое е со вас.

Свештеникот

И мојата помош.-
Еве ги идат Клаудио и Принцот.
(*Влегуваат Дон Педро и Клаудио со придружба.*)

Дон Педро

Добро утро на овој собир убав.

Леонато

Добро утро, принцу, Клаудио, добро утро.
Повелете. Дали сé уште сте решени
денеска да се ожените со ќерката на брат ми?

Клаудио

Од Африка да е на зборот ќе си стојам.

Леонато

Викни ја, брате, свештеникот е спремен.
(*Излегува Антонио.*)

Дон Педро

Добро утро, Бенедик. Што е? Што ве мачи
па лицето ви е толку февруарско
преполно облаци, синјак и луњи?

Клаудио

Ми се чини, на дивиот бик мисли, -
ама, не плаши се, човеку; со злато
роговите ќе ти ги позлатиме и цела
Европа на тебе ќе се радува,
ко еднаш Европа со блудниот Јупитер
кога се претвори во заљубен бик.

Бенедик

Бикот Јупитер, господине, мукал милно;
и некој таков чуден бик со татковата ви крава
зачнал теле а вие многу личите на него
и во мукањето а би рекол и во ликот.
(*Се враќа Антонио со маскираните дами.*)

Клаудио

За ова ќе ви вратам; но сега друга сметка имам.
Која е дамата за која треба да се венчам?

Антонио

Оваа овде а јас вам ви ја давам.

Клаудио

Тогаш е моја. Душо, дозволи лицето да ти го видам.

Леонато

Не, не смеете, не пред да се заколнете
пред попот дека ќе ви стане жена.

Клаудио

Дајте ми рака пред светиов отец,
ќе ви бидам маж ако ви е по волја.

Хера

Дури бев жива ви бев жена;
(*Ја вади маската.*)
Дури сакавте ми бевте маж.

Клаудио

Што? Уште една Хера?

Хера

Баш така;
една Хера умре во резил; но јас сум жива
и жими животот, невина сум и чедна.

Дон Педро

Поранешната Хера! Мртвата Хера!

Леонато

Таа умре, господару дури клеветата беше жива.

Свештеникот

Сето чудење ќе ви го објаснам кога,
по завршувањето на светиот обред;
за смртта ќе ви раскажам на убавата Хера;
Но дотогаш чудото мислете го стварно
па да тргнеме кон капелата веднаш.

Бенедик

Полека, оче. - Која од вас е Беатриче?

Беатриче

Мене така ме викаат; (*Ја вади маската.)*
Што сакате?

Бенедик

Зарем не ме сакате?

Беатриче

Не повеќе од што е разумно.

Бенедик

Е, тогаш стрико ви, Клаудио и принцот
се во заблуда зашто се колнеа дека сте до уши
зацапани во мене.

Беатриче

А зарем вие не ме сакате?

Бенедик

Не повеќе од што е разумно.

Беатриче

Тогаш братучетка ми, Маргарет и Урсула
се во заблуда зашто се колнеа дека сте до уши
зацапани во мене.

Бенедик

Се колнеа дека сте паднале болни за мене.

Беатриче

Се колнеа дека умирате бавно за мене.

Бенедик

Не е баш така. Значи не ме сакате?

Беатриче

Не, навистина, само пријателството го враќам.

Леонато

Внуко, немојте. Знам дека го сакате.

Клаудио

А и јас би се заколнал дека и тој ја сака;
зашто еве што напишал со своја рака -
многу лош сонет, чист производ на неговата глава,
наменет за Беатриче.

Хера

А еве уште еден
напишан со нејзина рака, украден од џебот преполн љубов за Бенедик.

Бенедик

Чудо невидено! Со сопствени раце против сопствените срца! - Ајде, ќе те земам; ама, жими виделцево, те земам од што ми е жал.

Беатриче

Нема да ве одбијам; - ама, жими денов убав, попуштам пред големиот притисок; а делумно и за да ви го спасам животот оти слушам сте заболеле од офтика!

Бенедик

Замолчи! Устата ќе ти ја затнам!
(*Ја бакнува.*)

Дон Педро

Па како ти е Бенедик, оженет човеку?

Бенедик

Ќе ти кажам нешто, принцу. Цел факултет дипломирани философи не можат да ме исфрлат од такт. Мислиш дека ми е гајле за некаква сатира или епиграм? Не; човек што само се мајтапи никогаш ништо убаво нема да си привие до себе. На кусо, бидејќи ќе се женам не сакам ни збор да гукнам за она што светот може да го каже против. Затоа не ми се потсмевај за сé што сум рекол против бракот; бидејќи човекот е непостојано суштество и ова објаснува сé. Што се однесува до тебе Клаудио, имав намера да те претепам; но бидејќи ќе бидеме роднини, живеј без модринки и сакај ја мојата роднина.

Клаудио

А јас се надевав дека ќе ја одбиеш Беатриче, па да добијам можност со стап да те истерам од твојот ергенски сефалок и да направам од тебе некакво двојно суштество; но тоа сигурно ќе станеш ако мојата роднина строго не внимава на тебе.

Бенедик

Глупости; ајде, ние сме пријатели; - да заиграме пред да се ожениме; да ги олесниме нашите срца и петиците на нашите жени.

Леонато

Ќе играме подоцна.

Бенедик

Порано, велам; затоа удрете свирки. - Принцу, тажен си; најди си жена, жена ти треба; не постои стап достоен за поголема почит од оној со рогче на рачката.
(*Влегува Гласник.*)

Гласникот

Господару, брат ви Хуан е фатен во бегство доведен е под стража назад во Месина.

Бенедик

Не мисли на него до утре: јас ќе ти смислам достојни казни за него. - Свирете кога ви велам!
(*Игра. Музика.*)

Секое зло за друго

Наслов на оригиналот:

All's Well That Ends Well

ЛИЦА:

Грофицата од Русион, мајка на Бертрам
Бертрам, грофот од Русион, нејзин син
Хелена, сирачка, штитеничка на грофицата
Лаваш, арлекин, слуга на грофицата
Рејналдо, управник на имотот на грофицата
Парол, придружник на Бертрам

Францускиот крал
Лафе, постар велможа
Првиот велможа Димен
Вториот велможа Димен, брат на претходниот
Толкувач, француски војник
Лакеј

Војводата од Фиренца
Вдовица од Фиренца
Дијана, нејзина ќерка
Маријана, пријателка на вдовицата

Велможи, придружници, војници, граѓани

Секое зло за арно е комедија напишана во периодот помеѓу 1601-1604 година, кога Шекспир ги напишал големите трагедии *Хамлет*, *Отело*, Мак*бет и Крал Лир*. Оттука, поради мрачниот тон и тегобната атмосфера а, пред сé, поради развојот на настаните кои, по сите свои карактеристики, неизбежно навестуваат трагична разврска, но сепак, иако мошне насилно, среќно завршуваат, делото спаѓа во таканаречените црни или горчливи комедии. Знаеме дека оваа комедија првпат е печатена во 1623 година а главното дејство, приказната за Бертрам и Хелена, се темели врз деветтата новела од третиот ден во Бокачовиот *Дека*мерон. Подзаплетот, приказната за Парол, е измислен од Шекспир.

Според сатиричниот тон, сцените што се занимаваат со секс и употребата на т.н. 'трик со креветот' (драмско средство кое, иако не било пријатно за подоцнежната публика, било совршено прифатливо за луѓето од елизабетанскиот период), комедијата во многу наликува на една друга комедија од Шекспир *Танте за кукуригу(Measure for Me*asure). Слично на неа, ***Секое зло за арно*** е проблемско и образовно дело зашто на крајот Бертрам сфаќа дека не бил во право а Парол е разобличен и излекуван. Но сепак, комедијава не била добро сочинета и никогаш не била популарна кај театарџиите и критичарите. Бертрам, на пример, излегува како сосем непријатен лик. Хелена во подоцнежниот дел од драмата, повеќе наликува на манипулатор со човечки судбини, одошто на онаа пријатна, шармантна млада дама од првиот дел. Иако интегрално врзан, подзаплетот со Парол, се чини, недоволно убедливо е прикачен за главното дејство. Дури и стиховите се мошне нерамномерни иако зрелоста на стилот воопшто не е спорна. Комедијава може да преставува еден неуспешен обид на Шекспир да се вклучи во 'новата мода' на пишување драмски текстови што се развила по приватните театри од неговото време а чиј основен белег бил вметнување во драмскиот заплет многу секс и сатира.

Ова е прв превод на ***Секое зло за арно*** на македонски јазик.

Чин ПРВИ

Сцена 1

(Влегуваат младиот Бертрам, грофот од Русион, неговата мајка, грофицата, Хелена и Лафе облечени во црнина.)

Грофицата

Пуштајќи го син ми од мене, го закопувам и вториот маж.

Бертрам

А јас, госпоѓо, заминувајќи, повторно ја оплакувам смртта на татко ми; но мора да ја почитувам заповедта на неговото величество кое сега е мој старател и вечен господар.

Лафе

Во кралот ќе најдете сопруг, госпоѓо а вие, господине, татко. Тој што толку севкупно и за сите времиња е добар, мора да се држи до својата доблест кон вас зашто вашата вредност сигурно ќе ја поттикнува неговата добрина кајшто треба иако таа сама по себе нема да е скудна штом веќе ја има во изобилство.

Грофицата

Какви се надежите да закрепне Кралот?

Лафе

Тој крена раце од лекарите, госпоѓо, под чиј надзор го убиваше времето со надеж и смета дека нема друго чаре освен постепено губење на надежта.

Грофицата

Оваа млада велмошка имаше татко - О, колку таги во зборов 'имаше'! - чија вештина беше голема речиси ко неговата честитост; да ја достигнеше, ќе ја направеше природата бесмртна а смртта ќе останеше без работа. Заради кралот, велам, да беше сега жив, тоа ќе значеше смрт за неговата болест.

Лафе

Како рековте се вика човекот за кого говорите, госпоѓо?

Грофицата

Беше многу познат, господине, во својата фела, и тоа, богами, сосем заслужено: Жерар де Нарбон.

Лафе

Навистина беше генијален, госпоѓо. Кралот неодамна говореше за него со восхит и со жалење. Беше до толку извештен што сигурно ќе беше уште жив доколку науката ѝ можеше нешто на смртта.

Бертрам

Од што страда кралот, господине?

Лафе

Од жива рана, господине.

Бертрам

Не сум чул порано за такво нешто.

Лафе

Камо никогаш и да не се чуеше. - Дали госпоѓицава овде е ќерка на Жерар де Нарбон?

Графицата

Неговото дете единче, господине кое расте
и се развива под мој надзор. Се надевам
дека ќе има среќа колку што ветува нејзиното образование. Има наследено табиет
што убавите дарови уште повеќе ги разубавува - зашто кајшто нечистата душа носи
доблесни особини, таму пофалбите одат со
сожалба; тие се и доблести и предавници.
Кај нејзе се уште подобри бидејќи ги краси
едноставност. Таа самата е извор на сопствената чесност која се усовршува со вродената
добрина.

Лафе

Вашите пофалби, госпоѓо, измамија од нејзе солзи.

Графицата

Тие се најдобрата сол со која девојката може
да ги сочува фалбите. Поменот на татко ѝ
не може да ѝ стигне до срце без тиранијата
на нејзините таги да ѝ ја одземе живоста
од образите. - Но доста за ова, Хелена.
Доста, ви се молам, освен ако не сакате
човек да помисли дека повеќе искажувате
тага одошто ја чувствувате -

Хелена

Навистина ја искажувам тагата но и силно ја чувствувам.

Лафе

Умерениот плач е право на мртвите, претераната жал душман на живите.

Графицата

Ако живите не се душмани на жалта, претераноста во неа бргу ќе ги кутне.

Бертрам

(*Клечејќи*). Госпоѓо, благослов од вас барам.

Лафе

Како да го сфатиме ова?

Графицата

Биди благословен, Бертрам, и на татка си сличен
во однесувањето ко што си му во ликот. Доблеста и крвта
за власт во тебе нека се борат, а добрината твоја
рамна да ти е на потеклото. Сакај секого, веруваj
на малцина, никому не чини зло. На душманот рамен
биди му по моќ а не по зли дела, а пријателот држи го
под клучот на твојот живот. Нека те корат што молчиш
но никогаш што си зборлив. Она што Бог смислил
згора да ти даде и што молитвите мои ќе го берат
на глава нека ти падне. Збогум. (*На Лафе*) Господине добар,
тој не е баш дворјанин печен. Господине мој добар,
посоветувајте го.

Лафе

Најдобар совет ќе му дадам
што љубовта негова ќе ја котка.

Графицата

Бог нека го благослови! - Збогум Бертрам.

Бертрам

(*Сѐтанува*) Најдобрите желби што исковани може да бидат

во мислите ваши нека ви бидат слуги.
(*Излегува гроφицата.*)
(*На Хелена*) Бидете ѝ утеха на мајка ми, господарката ваша,
и вардете ја ко зеница в око.

Лафе

Збогум, убава дамо. Бидете достојни
на гласот на татко ви.
(*Излегуваат Бертрам и Лафе.*)

Хелена

О камо да е само тоа! На татко ми не мислам,
а солзиве крупни поменот повеќе му го красат
од оние што порано ги леев. Како изгледаше татко?
Го заборавив. Вообразбата моја
за секого приодот го затна освен за Бертрам.
Готова сум. Нема живот за мене, нема,
ако го нема Бертрам. Но тоа ти е исто
ко да си се заљубила во некоја светла ѕвезда
со која сакаш да се мажиш, толку е тој над мене.
Во светлиот ѝ болскот и светлината зрачна
морам да се тешам но не со неа да се вртам.
Така амбицијата љубовна сама ми се ништи.
Срната што повти со лав да се земе
од љубов мора да умре. Беше убаво, иако мачно,
секој миг да го гледаш, да седиш и да ги црташ
лакот негов на веѓите, окото му соколово, неговите кадри
на таблата од срцето - срцето меко многу
за секоја негова црта, двиг, грч на милото лице.
Но сега го нема, а мојот разбујатен занес
мора моштите да му ги освети. Но кој иде?
(*Влегува Парол.*)
Оној што со него патува. Заради тоа и го сакам -
иако знам дека е невиден лажов,
чукнат од мерата недвор, па и кукавица би рекла.
Сепак мануве трајни толку многу му личат
што остануваат силни и кога челичните коски
на доблеста бледнеат пред студениот ветер.
Но, често
префриган ум му ја служи невидената лудост.

Парол

Здрава да ми сте, убава кралице!

Хелена

Здравје да имаш, кралу.

Парол

Не.

Хелена

И не.

Парол

Дали размислувате за девственоста?

Хелена

Да. Во вас има мала флека од војник, па
да ве прашам нешто. Машкото е душман на девственоста: како да ја забарикадираме од него?

Парол

Не пуштајте го да влезе.

Хелена

Ама тој навалува, а нашата девственост,
иако смела во одбраната, сепак попушта.
Препопрачајте ни некаква војничка одбрана.

Парол

Не постои таква. Машкото, кога ќе клекне пред вас, ве минира и ве крева во воздух.

Хелена

Бог нека ја варди нашата сирота девственост
од минери и кревачи во воздух. Нема некоја
војничка тактика со која девиците ќе ги кренат во воздух машките?

Парол

Штом ќе експлодира девствеността, машките
брзо-брзо сами се креваат. Па ако повторно
ги експлодирате, со дупката што сами сте
си ја направиле, го губите градот. Ниедна
нормална политика не се стреми да ја
зачува девствеността. Губењето на девственоста значи намножување на умните а
досега никој не добил девица а да не настрада девствеността. Со самото тоа што
сте создадени, добиена е руда за правење
девици. Девствеността еднаш загубена, може
десетпати повторно да се најде; ако вечно се
чува, загубена е за секогаш. Студен другар е
таа, оттарасете се.

Хелена

Уште малку ќе ја потрпам, па макар и да
умрам како девица.

Парол

Многу малку може да се каже во прилог на
тоа. Противприродно е. Да се биде на страната на девствеността значи да се обвинат
мајките, што е безгрешна непослушност.Тој
што сам ќе се обеси е ист како девица; девствеността сама се убива и треба да се закопа
по друмиштата и џадињата надвор од сите
свети обреди ко очајница што му згрешила
на природата. Девствеността котка црвја,
исто како сирењето; самата црвосува до
корка и умира наситувајќи го само сопствениот мев. Од друга страна, девствеността е
намќора, горделива, мрзлива, сета направена
од самољубие - ова е еден од најзабранетите
гревови според Светото писмо. Не чувајте
ја, немате избор освен да ја зачувате на
ваша штета. Спасете се од неа! За само една
година двојно ќе се умножи, што е солиден прираст а самата главнина нема којзнае
колку да се оскверне. Оттарасете се.

Хелена

А како, господине, треба човек да постапи,
па да ја загуби по свое?

Парол

Да видиме: значи, да му се допадне она што
никогаш не може да му се допадне. Тоа ви
е стока што со лежењето го губи сјајот:
што подолго ја чувате, толку повеќе ѝ паѓа
цената. Дајте ја додека вреди на пазар.
Испорачајте ја додека се бара. Девствеността
ко некој стар дворјанин носи шапка што
излегла од мода, богато е накитена ама е
несоодветна, баш како брошот и чепкалката
за заби што повеќе никој не ги носи како
знак за отменост. Временски гледано, поголема препорака има вашето јадење и пиење
одошто вашиот образ, а вашата девственост,
вашата дрта девственост, ви е како скапана
француска крушка: грда е на виѓа, непријатна в уста, навистина, ко секоја согниена
круша - порано беше повкусна, навистина,
а сега само обична скапана круша. Што
можете да сторите со неа?

Хелена

Но не и мојата девственост, сепак...
Ќе има господарот ваш многу љубови таму,
и мајка и љубовница и пријател најмил,
и феникс и капетан и душманин суров,
и водач и божица и свој владар,
и советник и предавничка и убаво либе
смерно славољубие, горда понизност,
јазеста складност и нескладност нежна,
и својата вера, слатката пропаст, со едно
чудо
убави, преубави прекари и називи благи
што слепиот Купидон ги шепти. Море тој ќе
-
Не знам што ќе стори тој. Бог нека го варди.
Дворот е место кајшто се учи, а тој е таков -

Парол

Каков е, живи господ?

Хелена

Човек на кого му посакувам среќа. Штета.

Парол

Што е штета?

Хелена

Што посакувањето среќа нема во себе тело
што може да се почувствува, па ние, сиромашки родените
чии пониски ѕвезди не затвораат само во желби,
да тргнеме, со нивна помош, по саканите наши
за да им го покажеме она што го мислиме за нив
а кое никогаш со благодарност не ни се враќа.
(*Влегува пажот.*)

Пажот

Господине Парол, господарот мој ве вика.

Парол

Хеленаче, збогум. Ако ми успее да се сетам на тебе, ќе мислам на тебе во дворот.

Хелена

Господине Парол, сте се родиле под милозлива ѕвезда.

Парол

Под Марс сум роден.

Хелена

Баш под Марс и јас велам.

Парол

Зошто баш под Марс?

Хелена

Војните толку ве згазиле што не е возможно да не сте се родиле под Марс.

Парол

Ама кога бил во полн налет.

Хелена

Напротив, кога бил во повлекување.

Парол

Зошто мислите така?

Хелена

Ептен ми одите наназад како за воин.

Парол

Така се добива предност.

Хелена

Такво е и бегањето кога стравот предлага да се извлече жива глава. Но мешавината од храброст и страв кај вас прави доблест со добри крила, а таквата ваша одежда лично многу ми се допаѓа.

Парол

Од работа не знам кај ми е главата инаку убаво би ти кажал. Ќе се вратам како совршен дворјанин и тогаш моите напатствија ќе послужат да те вратам кон природата па така ќе станеш способна да примаш совети од дворјанин и ќе сфатиш како треба нив во себе да ги всадиш; инаку ќе умреш во својата неблагодарност, а незнаењето ќе те збрише од лицето на земјата. Збогум. Кога ќе имаш време моли се; кога ќе немаш сети се на

пријателите. Најди си добар маж и послужи
се со него ко што тој ќе се послужи со тебе.
Уште еднаш, збогум.
(*Излегува.*)

Хелена

Лекот наш често во нас самите лежи
а ние на небото му го припишуваме. Господ тежи
но слободни ни остава раце и нема да ни ги купи
наумите бавни кога самите сме глупи.
Која сила толку високо љубовта ми ја крева
па гледам а окото ми се храни со кукол и плева?
Природните сили чудна судбина кројат
нееднаквите да ги здружи, во бакнеж да се спојат.
Невозможни се чудата, оние велат
што болот со сетила го мерат и мелат
тоа што не било не може ни да биде. Зарем лаже
во љубовта тој што доблестите сака да ги каже?
Болеста на кралот - план што може од раце ми бега,
но намерите ми се цврсти и не се откажувам сега.
(*Излегува.*)

Сцена 2

(Звук на труби. Влегуваат кралот на Франција со писмо, двајцата велможи Димен и многу придружници.)

Кралот

Фиренца и Сиена бој невиден бијат,
битката уште не е решена и продолжува сурова и тучна.

Првиот Димен

Така гласи извештајот, господару.

Кралот

Најверојатно е и така: за ова ни пишува овде
и роднината наш, кралот на Австрија,
со предупреда дека Фиренца ќе настојува
итна помош од нас да издејствува - при што
пријателот наш сака работава да ја спречи
и ние да ги одбиеме.

Првиот Димен

Неговата љубов и мудрост
толкупати кон вас потврдени, велат
дека нему треба да му верувате.

Кралот

Тој одговорот ни го наоружа
и Фиренчаните се одбиени уште пред да дојдат.
Сепак, велможите наши, доколку се со ниет
на Тосканците да им служат, слободно можат
на која сакаат страна да се придружат.

Вториот Димен

Добро ќе им дојде
ова на племството наше, од застаеност болно
да се размрда малку и да си го прочисти здивот.

Кралот

Кој е таму?
(*Влегуваат Бертрам, Лафе и Парол.*)

Првиот Димен

Грофот од Русион, величество,
младиот Бертрам.

Кралот

(*На Бертрам*) Момче, го имаш ликот на својот татко.
Добрата природа, не набрзина туку со дикат
те создала. И доблестите на твојот татко
дај боже да ги наследиш. Добре дојде во Париз.

Бертрам

Мојата благодарност и послушност се ваши.

Кралот

Камо и сега да го имам она здраво тело
ко тогаш кога со татко ти ко другари верни
првпат се учевме за војна. Далекувид беше
во проценката на услугите на времето, а само храбри
учители го учеа. Успеа да издржи долго,
но обајцата времето-вештер полека нé голтна
и од работата нé оддалечи. Душата ми се враќа
кога говорам за вашиот добар татко. На младост
духот му беше ист ко оној што сега го гледам
кај младото племство, но тие тераат шеги
дури сопствениот презир тихум врз нив не се урне
пред да стигнат лекоумноста во чест да ја скријат.
Ко прав дворјанин, ни горчина ни презир
немаше во неговата гордост или дух; а ако ги имаше
од рамен на него беа предизвикани, а честа -
сопствен будилник - го знаеше мигот вистински кога
несогласувањето бара да земе збор и тогаш
јазикот сказалката ја слушаше. Тие под него што беа
ги третираше ко суштества од друго место,
па ја свиваше својата возвишена глава
до низините на нивниот низок ред,
па тие многу се гордееја што така смерно
фалбите нивни ги прима. Таков човек
на времево наше ново може да му е урнек,
кој, ако го следат, на новиве ќе им покаже
дека наназад одат.

Бертрам

Господару, споменот за него
побогато почива во вашите мисли одошто на гробот
негов. Написот на могилката не е толку полн восхит
ко во вашиот кралски говор.

Кралот

Камо да сум со него! Велеше везден -
Ко и сега ми се чини го слушам; зборовите фини
не ги сипаше в уши, туку ги закопуваше така
за да никнат и врзат плод. 'Камо да ме снема' -
вака тагата негова започнуваше често
кога ќе згаснеше и свршеше забавата наша,
на крајот - 'Камо да ме снема', велеше тој,
'Кога на фитилот мој газијата ќе му секне
и стане миризба за духовиве млади, чии чула
плахи сé старо презираат, чии судови се само
татко на нови бечви, чија вечност не трае
ни колку нивната мода.' Ваква имаше желба.
И јас после него истата желба ја имам,
зашто ни восок ни мед не носам повеќе дома
па сакам од улиштето што побргу да ме снема
за да дадам на некои работнички место.

Вториот Димен

Вас ве сакаат, господару,
Тие што последни местово би ви го дале
ним први најмногу ќе им недостасувате.

Кралот

Држам место, знам. Колку време има, грофе,
од кога лекарот на татко ти е умрен?
Беше многу славен.

Бертрам

Околу шест месеци, господару.

Кралот

Да беше жив ќе го испробав уште него. -
Подајте ми рака. - Лежењето ме умори
а и многуте лекарства. Природата и болеста
нека самите сега решат. Добредојде, грофе.
Ни син ми не ми е подраг.

Бертрам

Благодарам величество.
(*Труби. Излегуваат.*)

Сцена 3

(Влегуваат Графицата, управникот Рејналдо и нејзиниот арлекин Лаваш.)

Графицата

Да слушнам сега. Што велите за госпоѓицава?

Рејналдо

Госпоѓо, грижата што ја водев за да го задоволам вашето благоволие, би сакал да се нареди во списокот на моите поранешни усилби, бидејќи човек ја повредува својата скромност и ја мати бистрината на своите заслуги кога самиот за себе ги обелоденува.

Графицата

Што прави овде апашов? (*На Лаваш*) Да те нема, момче. Не сакам да верувам во сите поплаки што ги чув за тебе. Не сакам зашто ми е мака, зашто знам дека си доволно луд да ги сториш и доволно способен сите овие апашлаци да ги изведеш.

Лаваш

Мислам дека ви е познато, госпоѓо, дека јас сум ви еден сирот ѓавол.

Графицата

Во ред господине?

Лаваш

Не, госпоѓо, не е во ред што сум сирот,
иако мнозина богати се проколнати. Но ако
вашето господство ми дозволи да заминам во
светот, онаа женска Изабела и јас добро ќе
се снајдеме.

Графицата

Зарем мора да станеш просјак?

Лаваш

Во случајов само ја просам вашата добра волја.

Графицата

Во кој случај?

Лаваш

Во случајот на Изабела и лично мојот. Слугувањето не е наследно, а јас мислам дека никогаш нема да го добијам божјиот благослов сé дури не добијам фиданки од телото, зашто велат децата се благослов.

Графицата

Кажи ми ги причините заради кои ќе се жениш.

Лаваш

Моето сирото тело, госпоѓо, тоа го бара. Месото ме тера, а оној на кого ѓаволот му е влезен, мора да оди.

Графицата

Ова ти се причините?

Лаваш

Да ви кажам право, госпоѓо, има и други свети причини, такви какви што си се.

Графицата

Може светот да ги знае?

Лаваш

Бев, госпоѓо, расипан, како и вие, како и секој од крв и месо па сакам да се женам за да се покајам.

Графицата

Попрво заради твојата женидба а не заради расипаноста.

Лаваш

Останав без пријатели, госпоѓо, па се надевам со женидбата да стекнам нови.

Графицата

Таквите пријатели ти се душмани, гаду.

Лаваш

Плитка сте, госпоѓо - во оценувањето на големите пријатели, зашто подлеците ќе идат да го свршуваат место мене она од кое веќе ми е преку глава. Тој што ми ја ора нивата, ми го штеди севгарот и уште жетвата е моја. Ако јас за него сум рогоносец, тој за мене е аргат. Тој што ја утешува жена ми, тој и ги мазни моите крв и месо; тој што ми ги мазни крвта и месото ми ги сака крвта и месото; тој што ми ги сака крвта и месото ми е пријател, што значи, тој што ја бакнува жена ми ми е пријател. Кога луѓето би биле задоволни со она што се, никој не би се плашел од бракот. Бидејќи младиот пуританец Карбон и стариот папист Појзем, без оглед колку им се срцата верски поделени, со главите се соединуваат. Можат да навалуваат со роговите еден на друг баш како и секој елен во стадото.

Графицата

Зарем вечно ќе останеш гад со пис уста и зевзек?

Лаваш

Не, госпоѓо, туку пророк, а вистината вака ја објавувам:
Пее
Вистина е ова чиста
што ви ја кажувам од ридот
по божја волја доаѓа бракот

а роговите според видот.

Грофицата

Бришете, господине. Подоцна ќе разговараме повеќе.

Рејналдо

Дали ќе ви пречи госпоѓо, ако ја викне Хелена кај вас? Треба со неа да разговарам.

Грофицата

(*На Лаваш*) Апаш, кажете ѝ на госпоѓицата дека сакам да зборувам со неа. Мислам на Хелена.

Лаваш

(*Пее*)
'Овој ли убав лик причина беше', рече Ноја
'што Грците ја урнаа Троја?
Лудо дело, дело лудо. Радосна за Пријам боја.
Воздивнуваше таа и стоеше така.
Воздивнуваше таа и стоеше така.
Па овој заклучок го одбра.
'Од девет лоши само една е арна,
од девет лоши само една е арна,
сепак една од десет е добра.'

Грофицата

Што? 'Една од десет е добра'? Ја уништи песната, апаш.

Лаваш

Една добра жена од десет, госпоѓо; тоа е прочистување на песната. Камо бог вака да му служи на светот цела година! Не би се лутеле на ваква една женска десетинка, да сум парох. Една од десет- би се викало, не? Па би имале раѓање на една добра жена со секоја појава на светла комета, или со секој земјотрес, така би се подобриле и шансите на лотарија. На машките полесно ќе им биде да си го искорнат срцето одошто да добијат бинго.

Грофицата

Да ве нема, господине гаду и сторете како што ви заповедав.

Лаваш

На мажот жена да му заповеда а сепак сите да останат живи и здрави!Иако чесноста не е пуританец, сепак не нанесува штета; таа ја натнува белата мантија на понижувањето врз црната одежда на великото срце. Тргнувам, жими мајка. Демек требало Хелена да ја викнам ваму.
(*Излегува.*)

Грофицата

И?

Рејналдо

Знам, госпоѓо, дека бескрајно ја сакате вашата госпоѓица.

Грофицата

Во право сте, ја сакам. Татко ѝ мене ми ја завети а таа самата, без камата, може да полага полно право на онолку љубов колку што ја добива. Нејзе не ѝ се плаќа онолку колку што ѝ се должи а ќе ѝ се плати повеќе одошто бара.

Рејналдо

Госпоѓо, неодамна ѝ пријдов поблиску одошто таа сакаше. Беше сама и самата со себеси разговараше, нејзините зборови беа упатени до нејзините уши; си мислеше, за ова се колнам во нејзино име, дека никој друг не може да ја чуе. А говореше дека го љуби вашиот син. Судбината, велеше таа, не е богинка штом отворила толкав јаз од разлика во богатството помеѓу нив двајца. Купидон не е бог штом својата моќ ја простира само кајшто постои еднаквост во

потеклото; Дијана не е кралица на девиците
штом дозволува некоја сирота нејзина поданичка да биде фатена во тесно без шанси за
спас при првиот напад или за ослободување потоа. Ова го кажа низ најчемерниот излив
тага што сум го чул од девојка; на што,
сметајќи дека ми е должност, побрзав да ве
известам за сé, бидејќи, донекаде, е од важност за вас да знаете во случај нешто непредвидено да се случи.

Графицата

Чесно си ја олеснивте душата. Но не кажувајте на друг. Уште од поодамна го насетував ова но терезијата ми одеше де наваму
де натаму па не знаев дали да верувам или
не. Ве молам, оставете ме. Чувајте го ова в
душа, а јас ви сум многу благодарна за грижата. Подоцна ќе зборуваме за ова повеќе.
(*Излегува управникот.*)
(*Влегува Хелена.*)

Графицата

(*На страна*) И со мене беше исто кога бев
суштество младо
ако сме од бога, еве што е наше: трнов
на ружата од младоста припаѓа со право
крвта наша нам, а ова е на крвта зрно;
во показот и жигот од вистината даден
љубовниот жар од младоста е вграден.
Но сега кога ќе се сетам на дните дамни
и јас истите гревови ги чинев - но мислев со нула се рамни.
И таа болна е сега од тоа. Ја гледам сета.

Хелена

Што заповедате, госпоѓо?

Графицата

Знаете Хелена
јас ви сум мајка.

Хелена

Почитувана моја госпоѓа.

Графица

Не, туку мајка.
Зошто не мајка? Кога реков ‘мајка’
ми се стори ко да видовте змија. Зарем зборот ‘мајка’
толку ве преплашува? Велам, јас ви сум мајка
и во редот ве ставам на сите тие
што под срце сум ги носела. Честопати е случај
посвојувањето со природата да се борат
па изборот да изнајде природен пат којшто
при срце ни ја става туѓата семка.
Никогаш не сте ми возвратиле со воздив на ќерка
иако сум ви искажувала мајчинска грижа.
Боже, господе, дете! Зарем ти се згрутчува крвта
ако се каже дека сум ти мајка? Што има тука
што тој омацурен предвесник на дождот,
разнобојната дага, околу очи ви се вие?
Зошто? Дека сте ми ќерка?

Хелена

Тоа не ви сум.

Графицата

Велам јас ви сум мајка.

Хелена

Простете, мадам,
грофот Русилион не може брат да ми биде,
името ми е безначајно, неговото ценето многу,
родителите ми се никој и ништо, неговите класа.
Учител мој, господар ми е тој, а јас слуга негов и послушник дури сум жива.
Тој не смее да ми е брат.

Графицата

Нити јас ваша мајка?

Хелена

Вие сте ми мајка, мадам. И камо да ми сте -
па господарот мој, вашиот син да не ми е брат -
навистина мајка! Или да ни сте две мајки
ништо друго не би молела од бога
оти тогаш сестра не би му била. Може нешто
друго да му бидам, а не сестра, кога би ви била ќерка?

Графицата

Да, Хелена, би можела да ми бидеш мила сната.
Не дај боже да не сте мислеле на ова! 'Ќерка'
и 'мајка' толку ви се грди. Што, пак сте бледи?
Стравот мој го разбра занесот ваш. Сега ја сфаќам
таинственоста на осамата ваша и изворот
на солените ви солзи. Сега сосем ми е јасно
дека во син ми сте вљубени. Црвенилото во лага
би те втерала ако против страста што ви се гледа
речете дека не е така. Затоа кажете ми право,
речете дека тоа ве мачи - зашто погледнете, образите
ваши еден на друг си признаваат, а твоите очи
го гледаат тоа толку искажано во вашиот однос
што не можат да го скријат. Само гревот
и пеколната тврдоглавост јазикот ви го врзуваат
па сомнеж има во вистината. Говори, дали е така?
Ако е така тогаш признај и стори си добро;
ако не е, порекни. Но, сепак барам,
а бог в срце ќе ми се вгнезди за твое добро
вистината да ми ја кажеш.

Хелена

Госпоѓо добра, простете ми.

Графицата

Дали го сакате син ми?

Хелена

Прошка, благородна мадам.

Графицата

Го сакате син ми?

Хелена

А зарем вие не го сакате, мадам?

Графицата

Не извртувајте. Мојата љубов е должност
позната на сиот свет. Ајде, ајде да слушнам
како стојат работите со вашето срце, зашто
вознемиреноста и премногу ве ништи.

Хелена

Признавам тогаш,
на колена, пред вас и пред вишното небо,
дека повеќе од вас, а веднаш по бога
го љубам син ви.
Пријателите ми беа сиромашки но чесни; а таква
ми е и љубовта. Не навредувајте се, зашто ова
не го повредува тој што го сакам. Не тргам по него
оти видов знак дека можеби ќе ме земе,
нити пак би го зела пред да го заслужам,
иако не ни знам како да го заслужам.
Знам дека залудно љубам, против надежта се борам;
Сепак во ова лажно и неразумно сито
уште ги турам водите на мојата љубов
па таа истекува но не секнува. Така, ко Индус,
верник во заблудата, на сонцето му се клањам
кое гледа долу во својот обожувач но ништо
друго за него не знае. Госпоѓо многу мила,
не удирајте врз љубовта со омразата своја

зашто и таа истото го сака; но ако и сами,
а чесноста ваша долга за непорочна говори младост,
со ваков жар на допаѓањето свое верен
сте копнееле и сте сакале од срце така што Дијана
сте биле колку и Венера, о, тогаш имајте милост
за онаа која избор нема во правото да љуби
туку мора да зајми и да дава кајшто сигурно губи
која бара да го најде не она по кое потрагата пека
туку загадочно живее во страсти кајшто смртта ја чека.

Графицата

Кажете ми искрено, немавте ли намера наскоро
да одите во Париз?

Хелена

Имав, госпоѓо.

Графицата

Зошто? Кажете ми право.

Хелена

Ќе кажам право, жими милоста божја.
Татко ми, знаете, ми остави рецепти ретки
Со проверено дејство кои начитаноста негова
и долгото искуство ги собраа купче
за посебна употреба и ми порача строго
во аманетот последен да ги чувам
ко белешки кои многу повеќе се вредни
одошто светот знае. Меѓу другите,
постои лек, проверен, со моќно дејство
против очајната болка што го легнала кралот
на смртна постела.

Графицата

Ова ве натера за Париз
Нели? Говорете.

Хелена

Мојот господар, син ви, ме натера да мислам на ова
инаку ни Париз ни лекот ни кралот
не би ми паднале ни случајно на памет.

Графицата

Дали мислите, Хелена,
дека ако му ја понудите претпоставената помош
тој ќе ја прифати? Тој и неговите лекари
мислат вака: тој дека од нив нема помош;
тие дека за него немаат лек. Како да имаат верба
во една неука сиромашна мома кога сите школи
исцрпувајќи ја доктрината до крај, го препуштија
болниот сам на себе?

Хелена

Нешто ми вели,
нешто над вештината таткова која најголема беше
во работата негова, дека овој добар рецепт
бидејќи мене ми е заветен, благословен ќе биде
од најсреќните ѕвезди на небо; а ако милоста ваша
дозвола ми даде среќата да си ја пробам, ќе го ставам
загубениов мој живот во служба кралот наш велик
да го исцелам.

Графицата

Веруваш дека можеш?

Хелена

Да, госпоѓо, знам што правам.

Грофицата

Па Хелена, дозвола ти давам и љубов
средства, свита и поздрави многу топли
до моите на дворот. Ќе останам дома
и ќе молам господ на помош да ти биде.
Замини утре, а еве ти и збор од велможа:
ќе ти помагам штедро со сé што можам!
(*Излегуваат.*)

Чин ВТОРИ

Сцена 1

(Труби. Влегува кралот во количка со двајцата Димени, мнозина млади велможи што дошле кај кралот пред да појдат во Фирентиската војна, Бертрам и Парол.)

Кралот

Збогум, господо млада. До овие воени начела
придржувајте се. И вам господо, збогум.
Советов споделете го; ако двете страни го примат
дарот ќе се зголеми до величината кога бил примен и доволен ќе биде за сите.

Првиот Димен

Господару, коткаме надеж
по положениот војнички испит, да се вратиме
и да ве најдеме во добро здравје.

Кралот

Не, таква можност нема – а сепак моево срце нема да признае дека во него има болест што животот ми го загрозува. Збогум, господо млада.
Живеел јас или не, бидете синови
на вредните Французи; нека Италија горна – земја смалена што го наследи само падот
на последното царство – види дека не сте дошле
да просите чест туку да ја венчате. Кога најсмелите барателi збришат, бараното најдете го,
за славата да викне и да ве прослави. А сега збогум.

Првиот Димен

Здравјето по ваша заповед нека ве служи.

Кралот

Вардете се од италијанските моми.
Велат францускиот нема зборови за нивните барања да ги одбиете. Чувајте се да не ве заробат
пред да стапнете во служба.

Двајцата Димени

Од срце ги прифаќаме предупредувањата ваши.

Кралот

Збогум. – Придржете ме!
(*Заминува во придружба од неколку велможи.*)

Првиот Димен

(*На Бертрам*) Штета, господине мил, што не доаѓате со нас.

Парол

Не е негова вина, пилиштарче!

Вториот Димен

О има да биде војна, војна и пол!

Парол

Ама војна! Сите сум ги видел!

Бертрам

Наредено ми е да дојдам овде а пусулчето вели
'премлад', 'следната година', 'рано му е'.

Парол

Ако те влече, момче, кидни му ја смело.

Бертрам

Ќе останам овде ко најобична бришка,
да чкрипам со чизмите по подот мазен,
дури честа други не ја разграбат; дури и мечот
не ќе го носам освен за игра. Ќе му ја кидам, велам.

Првиот Димен

Тоа е чесна кражба.

Парол

Извршете ја, грофе.

Вториот Димен

Со вас сум. А сега збогум.

Бертрам

Приврзани сме многу,
па разделбата тешко ми паѓа.

Првиот Димен

Збогум, капетане.

Вториот Димен

Мил мој господине Парол.

Парол

Благородни јунаци, мечов мој со вашиот е ближен. Ко родени браќа. Од нив прскаат искри и болскотат, со еден збор, од добар секов. Во полкот во Спинија ќе најдете некој капетан по име Спурио, со лузна, спомен од војната, на левиот образ. Токму овој меч овде му ја избразди. Кажете му дека уште сум жив и обрнете внимание на она што ќе ви го рече за мене.

Првиот Димен

Секако ќе му речеме, благороден капетане.

Парол

Марс нека се зацапа во вас, неговите новонајмени воини.
(*Излегуваат првиот и вториот Димен.*)
(*На Бертрам*) Што ќе сторите?

Бертрам

Молчи! Кралот!

Парол

Бидете малку поштедри во учтивоста кон овие племенити велможи. Се ограничивте на престудените прописи при земањето збогум. Бидете малку поопуштени кон нив зашто тие се приспособени на кројката од времето; го вежбаат прописниот чекор, јадат, говорат и се движат под влијанието на најомилените sвезди – па дури и ѓаволот да го диктира темпото, тие ќе го следат. Следете ги, велам и збогувајте се малку поразработено.

Бертрам

Така ќе сторам.

Парол

Одлични се а изгледа ќе се покажат и како жилави мегданџии.
(*Излегуваат Бертрам и Парол.*)
(*Влегуваат Лафе со кралот.*)

Лафе

(*Клекнат пред кралот*) Прошка барам гос-

подару за себе и за вестите што ги носам.

Кралот

Те задолжувам да станеш.

Лафе

(*Стануваjќи*) Значи пред вас стои човек
што прошката си ја откупил.
Камо вие да клечевте, господару, и да
баравте милост
па на моја заповед да станевте ко јас што
станав.

Кралот

Камо така да беше па главата да ти ја скршев
па да те замиолев да ми простиш.

Лафе

Ама терсене испадна!
Но еве за што се работи, господару: дали ви е по ќеф од болеста да се излечите?

Кралот

Не.

Лафе

О, а дали би зобнале
малку грозјенце, лисицо кралска? Би, како не би,
кралскиот лиец од благородното грозје
кога само би го дофатил. Сум видел лек
што може живот на каменот да му вдахне,
карпата да ја мрдне, и ко магионичар да ве зводне
да заиграте со оган и пламен; лек чиј допир
може кралот Пипин да го воскресне, или
на великот Карло Велики молив в рака да му тутне
за некое љубовно ретче да ѝ чкртне.

Кралот

За која ‘ѝ‘ говориш?

Лафе

За доктор Таа. Пристигна, господару, една,
ако би сакале да ја видите. А сега жими
верата и честа,
ако сериозно можам да ги пикнам моите мисли
во смешниов мој извештај, зборував велам
со една чиј пол, години, занимање,
мудрост и постојаност ме зачудија повеќе
од што можам слабоста да си ја корам. Ќе ја видите – оти таа така бара – да чуете што сака?
Дознајте, ве молам, а после смејте ми се до бесвест.

Кралот

Па добар Лафе,
дајте го ваму тоа чудо за да можеме со тебе
и ние да се изначудиме или на твоето да ставиме крај чудејќи се што така си го примил.

Лафе

Не, ќе ве услужам како што треба оти секој ден не е велигден.
(*Оди кај вратата.*)

Кралот

Вака секогаш го најавува своето вечно ништо.

Лафе

(*На Хелена*) Ајде, влезете.
(*Влегува Хелена.*)

Кралот

Брзината навистина има крила.

Лафе

(*На Хелена*) Ајде, влезете.
Ова е кралот. Кажете му што имате.
Личите навистина на предавник, но од предавници такви
кралот ретко се плаши. Јас сум стрикото на Кресида што се дрзнува сами да ве остави.
Збогум.
(*Излегуваат сите освен кралот и Хелена.*)

Кралот

Па, убавице, дали заради нас сте дошле?

Хелена

Да, господару добар. Жерар де Нарбон ми беше татко.
Во својата работа тој беше многу вешт.

Кралот

Го познавав.

Хелена

Тогаш нема зошто пред вас да го фалам;
го познававте и тоа е доволно. Пред да умре ми даде многу рецепти, особено еден којшто, како врв на неговото искуство,
и како најдраг плод од долгогодишната пракса,
ми наложи да го чувам како свое трето око помило дури и од моите две. Сторив така,
па кога чув дека вашето величество токму од таа опака болест оболе чие лечење
на мојот мил татко му донесе признание,
и само неговиот рецепт против неа е моќен,
дојдов да ја излечам со сета своја почит
и должна смерност.

Кралот

Ви благодариме, моме,
но дека ќе нé излечи не веруваме многу,
кога нашите најдобри лекари од мене кренаа раце
и кога стручниот конзилиум заклучи точно дека човечката вештина не е кадра природата да ја спаси
кога оваа е во беспомошна состојба. Велиме не треба така да се валка нашиот суд или надежта да се црни и болката неизлечива на надрилекарство
да ја повериме или пак да се понижиме толку па нашето достоинство и углед да ги прецениме
со бесмислена помош, кога помошта е чиста глупост.

Хелена

Трудот тогаш ќе ми се плати со должноста што си ја вршам.
Повеќе нема својата помош да ви ја нудам,
Само покорно молам во мислите да останам кралски
и да ми дадете дозвола назад да се вратам.

Кралот

Не можам помалку да ти дадам
а благодарност да се вика.
Ти сакаше да ми помогнеш а таква благодарност блика
од човек близу смртта до тие што сакаат жив да е.
Но она што целосно го знам ти само малку го знаеш
јас сета болка си ја знам, ти лек за неа немаш.

Хелена

Нема да ви наштети ако пробам, а ќе ми биде мило
зашто и така се лишивте од лекување какво било.
Оној пак што и најголеми дела врши
често со помош на најнемоќниот ќе ги сврши.
Во светото писмо разум гледаме кај деца ко деца кога се судиите; големи води течат од извори штури, големи мориња се сушат.
Кога чудата великаните светски ги рушат
често надежта се губи и тоа најчесто таму
кајшто најголема се чини, а бликнува често

кајшто надежта пропаднала и очајот фатил место.

Кралот

Не сакам да те слушам. Збогум, девојко мила.
За трудот свој невложен ко платена да си била.
Неприфатената понуда секаде со благодарност се плаќа.

Хелена

Заслугата горна човечкиот збор неблагодарно ја враќа.
Но оној што сé на светот знае не прави така не сознава површно, не чепка со несигурна рака;
кај нас сознанието претпоставено е цело кога помошта од небото ја сметаме човечко дело.
Господару мил, за напорите мои согласност дајте
моќта господова тука ќе се испроба знајте.
Не сум измамничка која недоветно ви нуди исцеление што само лажни надежи буди,
туку знам, верувајте, ко што знам што ве колка
дека умешна сум во ова и дека излечива е вашата болка.

Кралот

Зарем толку си сигурна? Во кој рок сметаш да ме излечиш?

Хелена

Ако е волја на оној што сé гледа,
пред двапати коњите на сонцето својата лута кочија огнена низ дневната ја поминат рута,
пред двапати во темната, западна влага влажниот Хеспер со фенерот поспан го видите да паѓа,
или дваесет и четири пати часовникот земен го означи минувањето на крадливото време,
здравото во вас ќе се куртули од болното ѓубре
здравјето слободно ќе живее, болеста слободно ќе умре.

Кралот

За убеденоста твоја и за сигурноста ставаш ли нешто на коцка?

Хелена

Нека за дрскоста,
за бесрамноста подла, срам најдолен ме најде;
името нека ми се сотре, од ништо да немам фајде
нека џелат – што не е и најлошо – сета ме скрши
во најтешки маки па животот да ми сврши!

Кралот

Ко духот божји, чинам, низ неа да збори,
моќниот говор негов во тело кревко гори;
и она што би се одбило по здрав разум
ко невозможност, станува можно ама назадгазум.
Животот ти е скап зашто сé што животот го крие
ко доблест за да е живот, во тебе клокоти и врие:
младост, убавина, мудрост, смелост, меѓа што младоста и среќата ја викаат среќа.
За ова да го ризикуваш, мора сигурно да имаш
вештина неограничена или очајничка сила.
Докторке мила, волен сум да ти го пробам лекот
умрам ли и тебе ти се скусува векот.

Хелена

Ако го пречекорам рокот или превара ми текне
за она што го ветив, животот нека веднаш ми секне,
по заслуга своја. Не помогнам ли, смртта плата нека ми биде.
Но ако помогнам, каква награда, величество, ми иде?

Кралот

Што бараш?

Хелена

Дали бараното ќе се даде?

Кралот

Да, жими жезлово и надежта што в небо ја кладе.

Хелена

Тогаш барам да ми се даде од кралската
твоја рака
мажот што срцево мое избрало да го сака.
Ја одбивам од себе безочната мисла, не сум
гуска
да изберам маж во сродство со круната
француска
па така со некој што е велик, на рамниште
твое
да го врзам ниското и скромно име свое;
овој што го барам поданик е твој и полна
надеж
слободно можам да го барам а ти да ми го
дадеш.

Кралот

Еве ти рака. Штом ветеното на време го
средиш
исполнување на бараното од мене веднаш ти
следи.
Значи, сама избери го времето, оти јас јаден
уште само во тебе ја гледам последната
надеж.
Може треба уште да те прашувам, да знам
уште нешто
иако знаењето поголемо не значи верување
слепо:
од каде дојде, со кого, на пример но не е
важно, види,
и недопрашана добро ми дојде, благословена
биди.
Помогнете ми вие таму! Го исполниш ли
ветувањето цело
ко со збор што го кажа, не подолу ќе биде и
кралското дело.

Сцена 2

(*Влегуваат грофицата и Лаваш.*)

Грофицата

Само напред, господине. Сега ќе видиме до кој степен ви е воспитанието.

Лаваш

Ќе видите дека сум до највисок степен гоен, а до најнизок учен. Знам дека сум како створен само за работа на дворот.

Грофицата

Само за работа на дворот? Зошто мислите дека сте толку посебен за такво едно место кога ова го отфрлате со презир? Само за работа на дворот!

Лаваш

Ви велам, госпоѓо, ако бог подарил некому какво такво убаво однесување, од него може многу лесно да се оттараси само на дворот. Оној што не може да клечи на колена, да ја вади шапката, раката да си ја бацува и ништо да не говори, тој нема ни нозе, ни раце, ни шапка и навистина таквиот брат, да кажам попрецизно, и не е за дворот. Што се однесува до мене, имам одговор на кој никој не би ми фатил кусур.

Грофицата

Навистина штедар одговор што одговара на секое прашање.

Лаваш

Како берберски стол што одговара за секое газе: шилесто, тркалезно, слабичко, дебелко, секакво.

Грофицата

Дали твојот одговор одговара на секое прашање?

Лаваш

Ко десет гроша на раката од адвокатот, ко француска круна на некоја гнила ороспија, ко прстенчето од слама на Тиб на показалезот од Том, ко палачинка на велипеток, селско оро на Први мај, ко брут на својата дупка, рогоносец на роговите, ко дрдорлива уличарка на опак ебиветер, ко усна од калуѓерка на уста од калуѓер, не, ко колаче на својата корка.

Грофицата

Имате ли, ве прашувам, одговор соодветен за секое прашање?

Лаваш

За секое прашање велам, од војводата надолу до под џандарот.

Грофицата

Сигурно е одговор со џиновски размери штом ги задоволува сите прашања.

Лаваш

Ама и џуџе, право да ви кажам, ако учените говорат по право за него. Еве ви го со сé што оди со него. Прашајте ме дали сум дворјанин. Нема зијан од прашање а и нешто ќе научите.

Грофицата

За повторно да бидеме млади, ако е можно! Ќе се направам на удрена и ќе прашам со надеж дека ќе станам поумна по твојот одговор. Ве молам, господине, дали сте дворјанин?

Лаваш

Господе боже, госпоѓо! – Ама вие ми говорите одоколу. Уште, уште, уште стопати по толку!

Графицата

Господине, јас сум ваш сирот пријател што ве сака.

Лаваш

Господе боже, госпоѓо! – Навалете, навалете, не штедете ме!

Графицата

Мислам, господине, дека вие не ги јадете овие домашни јадења.

Лаваш

Господе боже, госпоѓо! – Не, само вие дајте ми можност па ќе видите.

Графицата

Неодамна бевте камшикувани, ми се чини, господине.

Лаваш

Господе боже, госпоѓо! – Не штедете ме!

Графицата

Дали и кога ве камшикуваа викавте ‘Господе боже, госпоѓо!’ и ‘не штедете ме’? Всушност, вашето ‘Господе боже, госпоѓо!’ одлично ви одговара со камшикот: би одговарале мошне соодветно на камшикувањето кога би биле присилени на тоа.

Лаваш

Никогаш не ме биел полош баксуз со моето ‘Господе боже, госпоѓо!’ Гледам работите можат долго да служат ама не и вечно!

Графицата

Баш домаќински го користам времето будалејќи се со една будала.

Лаваш

Господе боже, госпоѓо! – Ете, пак добро ми тргна.

Графицата

Завршивме, господине! Сега на работа: дајте му го ова на Хелена,
(*Му дава писмо.*)
и кажете ѝ веднаш одговор да прати.
Поздравете ми ги родниците и синот.
Ова не е многу.

Лаваш

Значи малку да ги поздравам?

Графицата

Не, туку малку има работа за тебе. Разбра?

Лаваш

Ве разбрав бериќетно. Стигам таму пред нозеве.

Графицата

Побрзајте назад.
(*Излегуваат на различни страни.*)

Сцена 3

(*Влегуваат Бертрам, Лафе и Парол.*)

Лафе

Велат чуда повеќе нема, а ние имаме свои философи кои ги прават натприродните работи лишени од последичност, обични и секојдневни. Оттука испаѓа дека стравотиите ни се гледаат како неважни, па така се предавме на некакво божемско знаење кога треба да мислиме на стравот од непознатото.

Парол

Вакво чудо не паметам кога ни се случило.

Бертрам

Ама се случи.

Лафе

Веќе имаа кренато раце од него стручњаците.

Парол

Истото го велам, дури и Гален и Парацелзус.

Лафе

Сите учени и компетентни луѓе.

Парол

Токму така, истото го велам.

Лафе

Кои го прогласија за неизлечив случај.

Парол

Така е, истото и јас го велам.

Лафе

И рекоа дека спас му нема.

Парол

Баш така, што се сведува на тоа дека на човекот му турија в глава дека му следи –

Лафе

Неизвесен живот и извесна смрт.

Парол

Така, право велите. И јас така би рекол.

Лафе

Навистина може да говориме за нешто невидено и нечуено.

Парол

И е. Ако сакате јасно да ви се предочи, треба да прочитате за тоа во онаа, како се викаше де?

Лафе

'Приказот на божјото делување во земскиот изведувач.'

Парол

Така де. И јас истото ќе го кажев.

Лафе

Дури ни делфинот не е толку жив. Ова, жими крстов, го велам со полна почит.

Парол

Чудно, многу чудно, само ова може да се каже и на кратко и со давеж, а само некој тежок ебиветер не би признал дека тука се вмешала

Лафе

Божјата рака.

Парол

Така е. И јас истото го велам.

Лафе

Во многу кревко

Парол

И нејако послушниче голема моќ, големо надминување, што дава надеж и за други, поголеми достигнувања а не само да остане на оздравувањето на кралот што си бара

Лафе

И соодветна благодарност.
(*Влегуваат кралот, Хелена и придружници.*)

Парол

Токму на тоа мислев пред да кажете. Но еве го кралот.

Лафе

Само весело што би рекле Холанѓаните.
Сакај ги девојките дури имаш барем еден заб в уста.
(*Кралот и Хелена танцуваат.*)
Гледај, жити сé, па тој дури и ја води.

Парол

Mort du vinaigre, не е она Хелена?

Лафе

Таа е, жими господ!

Кралот

Одете и соберете ги сите велможи на двор.
(*Излегува еден од придружниците.*)
Седни, спасителко, покрај спасениот од тебе,
(*Кралот и Хелена седнуваат.*)
и од оваа здрава рака чиј фатен осет
ти го поврати, по вторпат прими ја
потврдата за подарокот што ти го ветив
којшто само на името чека.
(*Влегуваат четворица велможи.*)
Убава момо, убаво гледај. Од оваа млада китка
благородни ергени, саканиот ти го давам
зашто право над нив имам по власт а и ко татко
нивен. Направи избор по свое. Ти имаш моќ да избираш, а не можат да те одбијат тие.

Хелена

На секој од вас по една сакана, лична и чесна,
ви падне кога љубовта ќе посака. Секому освен на еден.

Лафе

(*На страна*) Алатот си го давам и опремата сета
да имав заби в уста ко овие момци
и брада толку ретка.

Кралот

(*На Хелена*) Погледај ги добро.
Ниеден од нив нема а да не е од благороднички сорта.

Хелена

Господа,
Бог низ мене му го врати здравјето на кралот.

Сите

Видовме и за вас на бога му благодариме.

Хелена

Јас сум едноставна мома а со тоа и побогата
што можам да кажам дека сум едноставна.
Ако на вашето величество му е мило, веќе
завршив. Руменилото сега на уво ми шепти:
'Црвенеам што мора да избираш; но одбиена ако
бидеш, бледа смрт в образи нека ти се всели
а мене повеќе нема да ме видиш.'

Кралот

Избери па види.
Кој тебе ќе те одбие, ме одбива и мене.

Хелена

(*Станува*) Сега, Дијана, од олтарот твој јас бегам,
а богот на љубовта, богот највисок на светот
нека воздишките ми ги прими.
(*Се обраќа на еден од велможите.*)
Господине, ќе ја чуете мојата молба?

Првиот велможа

Да и ќе ја исполнам.

Хелена

Благодарам, господине. Друго ништо немам.

Лафе

(*На страна*) Повеќе би сакал да сум во изборов отколку да извлечам кец на банка.

Хелена

(*На друг велможа*) Честа, господине, што гори во вашите убави очи
пред нешто да кажам, со закана одговор ми дава.
Па нека љубовта дваесетпати поголема
среќа ви даде
од онаа што ви ја посакувам со скромната
своја љубов.

Вториот велможа

Поинаква не сакам, ако ви е по волја.

Хелена

Примете ја мојата желба,
а големиот Амор нека ви ја исполни. Толку.

Лафе

(*На страна*) Зарем сите ја одбиваат? Да ми беа синови ќе ги дадев да ги искамшикуваат или ќе ги испратев кај Турците да направат евнуси од нив.

Хелена

(*На друг велможа*) Не плашете се дека вашата рака ќе ја земам;
никогаш лошо не би ви сторила заради вас само.
Бог заветите нека ви ги благослови а в кревет
да ви даде поубава среќа ако воопшто се ожените.

Лафе

(*На страна*) Момчињава се студени ко мраз, никој ја неќе. Сто посто се копилиња англиски изродени од Французи.

Хелена

(*На друг велможа*) Премлад сте, пресреќен и предобар мошне
за син да си создадете од крвта моја.

Четвртиот велможа

Убавице, јас не мислам така.

Лафе

(*На страна*) Еве уште еден грозд. Сигурен сум дека татко ти локал вино, ама ако не си магаре тогаш јас сум еден од четиринаесетминатa млади. Веќе те читам.

Хелена

(*На Бертрам*) Не си дозволувам да кажам дека ве земам; но се ставам
себеси во ваша служба и власт додека сум жива.
Ова е мојот избор.

Кралот

Тогаш, Бертрам, земи ја, таа ти е твоја жена.

Бертрам

Моја жена, господару? Ве молам господару, кралу,
за таква работа да ми дозволите моите очи да решаваат.

Кралот

Зарем не ти е јасно, Бертрам,
што стори таа за мене?

Бертрам

Јасно ми е, господару добар,
но никако не ми е јасно зошто треба да ја земам.

Кралот

Но јасно ти е дека речиси од мртвите таа ме крена.

Бертрам

Зарем од ова следи, господару, дека јас треба да легнам
затоа што вие станавте? Па јас ја познавам добро:
таа порасна на лебот и милоста од мојот татко.
Зарем ќерка на сиромав лекар, моја жена? Поарно
презрете ме за навек.

Кралот

Само положбата општествена ја презираш кај неа
која јас можам да ја поправам. Чудно што крвта наша
различна по боја, тежина и топлина, кога ќе се смеша
разликата сосема ја губи, иако пред тоа, толкава важност
на разликата се придавала. Ако таа доблест секаква има освен онаа што кај тебе буди презир,
'Ќерка на сиромав лекар', ти доблеста тогаш ја презираш заради некаква форма. Но не прави така.
Од најниското место кога доблесни нешта никнат
местото достоинство добива од направеното дело.
Кајшто пак само големите звања се фалат, без доблест,
таквата чест е гнила. Доброто само по себе е добро и без големо звање, а истото и за злото важи.
Својството по доброто во себе треба да се цени
а не по назив от. Таа е млада, умна, лична, доблести што наследничка на природата ја прават,
и честа од нив шика. А честа си ја валка оној што со чесното раѓање се фаќа
а не е достоен на великаните чесни; честа ни цвета
кога ја жнееме, велам, од делата наши
а не од потеклото. Зборот е само валкан пленик
што лажги составува на секој гроб, на секоја плоча
заслуги лажни а нем останува многу често кајшто правот и заборавот гробница се темна
на вистински чесните коски. Што друго да се каже?
Само засакај ја дамава како мома
а другото остави ми го мене. Доблестите и оваа млада
од неа се приќе; честа и богатството јас ќе ги дадам.

Бертрам

Не можам да ја сакам, ниту за тоа да се трудам.

Кралот

Грешиш. Сам се уништуваш ако не ја сакаш.

Хелена

Важно вие оздравевте, кралу и радосна сум многу.
Другото не е важно.

Кралот

Во прашање ми е честа, а за да ја бранам
мора да покажам сила. Ваму, земај ѝ ја раката
ти надуено, полно презир пилиштарче, недостојно
за ваков дар штедар, што во побеснетост глупа
љубовта моја ја потценуваш и заслугите нејзини;
а дури ни на сон не ти паѓа на ум дека ние,
кога ќе се ставиме себеси на тасот нејзин лесен
веднаш ќе те отфрлиме; ти не си свесен
дека наше е да ти ја засадиме честа кајшто
ни е волја да расте. Отфрли го тој презир
и на волјата наша покори се која за твое добро
работи; отфрли ја надуеноста па веднаш
послушноста должна покажи ја кон среќата своја
што и должноста твоја но и волјата наша
од тебе ја бараат; инаку ќе те протерам за навек
од старателството наше и беспризорно ќе те фрлам
во несигурниот немир и расипничката пропаст
на младоста и незнаењето па на одмаздата и гневот
наш ќе се најдеш препуштен според сета правда
без никаква милост. Говори. Искажи се овде веднаш.

Бертрам

(*Клечејќи*) Простете, господару благороден, зашто веднаш
на власта ќе ви се повинам. Штом помислам колку крупни остварувања, извори на честа
на ваша заповед течат, јасно ми е дека таа, која до скоро
во мислите благородни беше многу ниско, сега
кралски пофалена, крената е многу горе
небаре таму и била родена.

Кралот

Земи ја за рака
и речи ѝ дека е твоја; а јас ветувам овде
дар да ѝ дадам, ако не колку твојот имот
сигурно и повеќе.

Бертрам

(*Станува*) Ја земам за жена.

Кралот

Добра среќа и милост голема од кралот
со насмев нека го украсат договоров брачен
којшто веднаш ќе биде составен по наш налог
а вечерва свечено склучен. Свеченото славје
меѓутоа, уште малку ќе почека дури стигнат
отсутните пријатели. Со љубов нежна, мека
сакај ја и ќе те ценам; во спротивно зло те чека.
(*Труби. Излегуваат сите освен Парол и Лафе коишто стојат назад и ја коментираат брачната спогодба.*)

Лафе

Слушнавте, господине? Само збор - два.

Парол

Само повелете, господине.

Лафе

Добро стори вашиот господар и газда што отстапи.

Парол

Отстапи? Мојот господар? Мојот газда?

Лафе

Да. Да не реков нешто што не треба?

Парол

Рековте нешто многу сурово што не може да помине без крв. Мојот газда?

Лафе

Не сте вие човек на грофот Русион?

Парол

Човек на секој гроф, на сите грофови, на секој гроф што е човек.

Лафе

На секој што е човек на гроф; газда на гроф е веќе нешто друго.

Парол

Престар сте, господине. Бидете задоволни што сте престар.

Лафе

А јас мора да ти речам, момче, дека за себе велам дека сум човек. До такво име никогаш нема да те дотераат годините.

Парол

На што можам веднаш да се дрзнам ама, баш затоа, нема да се дрзнам.

Лафе

По две јадења те ценев како мошне бистро момче. Не го одглаголи патувањето многу лошо; можеше да помине. Сепак еполетите и крпите на тебе многустрано ме поколебаа во верувањето дека си некаква гемија со кој-знае колкав товар. А сега те читнав; кога повторно ќе се спасам од тебе, нема да ми е жал. Оти ти си бил добар само за дембелење а и тоа ми е, право да ти кажам, сомнително.

Парол

Да ја немаш предноста на старите коски –

Лафе

Не влетувај толку бргу во гнев, да не си ја забрзаш пресудата, која – Бог нека ти се смилува како на кокошка! Па, добро мое пенџере од решетки, седи ми со здравје. Не ми ти ги отворам пансурите оти и вака ми си просирен. Дај ми рака.

Парол

Господине вие ми прилепувате нечуена недостоинственост.

Лафе

Да; и тоа од сé срце, а ти на тоа и си достоен.

Парол

Ама не сум го заслужил, господине.

Лафе

Море си го заслужил и тоа секој грам; и нема ич фира да ти одбијам.

Парол

Убаво, значи ќе станам попаметен.

Лафе

И тоа гледај што побргу, оти треба да го искорнеш од себе вкусот за спротивното. Ако некогаш те врзат со таа твоја шамија и те изнатепаат, дури тогаш ќе научиш што значи да се гордееш со крпи. Имам желба да го зачувам познанството со тебе, или, поарно кажано, да те знам подобро за, во случај на нужда, да можам да кажам, 'Го знам тој човек.'

Парол

Господине, вие ме направивте од сé подолу.

Лафе

Би сакал да те снижам до вечната мака,
а бедниов труд вечно да ми трае; оти ми
помина трудењето ко што сега покрај тебе
ќе поминам, брзо колку што годините ќе ми
дозволат.
(*Излегува.*)

Парол

Убаво, ама имаш син што ќе ја испере лагава од мене. Скорбосан, дрт, нечист, скорбосан велможо. Убаво, мора да бидам трпелив. Власта не може да се фрли во пранги. Ќе го здробам, жими фитилов што ми свети, ако некаде на тесно го начекам па ако сака стопати нека биде велможа. Нема да му се смилувам на годините, ќе го смачкам само ако уште еднаш ми излезе пред очи.
(*Се враќа Лафе.*)

Лафе

Момче, твојот господар и газда се ожени. Еве новост за тебе: сега имаш нова господарка.

Парол

Јас најсериозно го молам вашето лордство да ги повлече вашите навреди. Тој е мој добар газда; господарот на кого вистински му служам е оној над нас.

Лафе

Кој? Господ?

Парол

Да, господине.

Лафе

Море ѓаволот е твој господар и нему му служиш. Што си ги истопорил така рацете? Да не правиш гаќи од ракавите? Дали и другите слуги прават така? Најдобро би ти било газот да ти е на местото од носот. Жими честа, да сум само два часа помлад, би те испотепал. Мислам дека ти си елементарна непогода за светот и секој треба да те тепа. Мислам дека те донесле на свет за луѓето да вежбаат на тебе.

Парол

За толку сурова и неодмерена казна, господине, до сега не сум чул.

Лафе

Немојте ви се молам, господине. Во Италија би ви удриле ќотек за едно зрно извадено од калинка, вие не сте никаков патник туку обичен багабонт, вие сте позајадливи со велможите и честите господа отколку што потеклото и доблестите ви даваат право на тоа. Не вредите ни збор повеќе да потрошам на вас инаку би ве нарекол апаш. Затоа си одам.
(*Излегува.*)

Парол

Убаво, многу убаво, велам. Многу, многу убаво
Ама ќе го голтнеме ова за некое време.
(*Влегува Бертрам.*)

Бертрам

Загубен и осуден на вечни маки.

Парол

Што те мачи, срце?

Бертрам

Иако свечено пред попот дадов завет
не легнувам со неа.

Парол

Што, што, срце?

Бертрам

О Пароле мој, ме пикнаа в тавче.
Бегам војска за да не легнам со неа.

Парол

Франција е дупка за кучиња и не заслужува со ништо
човек да гази по неа. Во војна, во војна!

Бертрам

Еве писмо од мајка ми. Но што има уште важно што треба да го знам?

Парол

Ќе знаеме што е. Во војна, момче, во војна!
Честа своја во кутија скриена ја чува оној што овде, дома, кукличката си ја гушка
и во прегратките нејзини машкоста си ја троши
место да му се најде таму кајшто во бесен скок преку јами
бодињаат огнените коњи на Марс. Во други земји!
Франција е штала, а кљусиња во неа ние.
Затоа напред, во војна!

Бертрам

Така и ќе биде. Нејзе ќе ја испратам дома,
мајка ми ќе ја известам за омразата кон неа,
и зошто бегам, а на кралот ќе му пишам
за она што не смеам да го кажам. Дарот негов
ќе ми послужи да стигнам до италијанските меѓи
кајшто благородните се бијат момци. Напорот воен ќе го снема
подалеку од домот мрачен и омразената жена.

Парол

Дали овие мушички ќе те држат? Сигурен ли си?

Бертрам

Дојди со мене во мојата соба и дај ми совет.
Нејзе веднаш ја праќам дома. Утре, без лага,
одам во војна а таа во својата самотничка тага.

Парол

Полното ѓуле, бргу ќе се чуе. Тежок е патот:
за млад човек жената е камен околу вратот.
Затоа да бегаме, остави ја храбро. Уште посабајле.
Кралот те навреди но кому за тоа му е гајле?
(*Излегуваат.*)

Сцена 4

(*Влегуваат Хелена која чита писмо и Лаваш.)*

Хелена

Мајка ми срдечно ме поздравува. Дали е добро?

Лаваш

Не е добро, ама здравјето ја служи. Многу е весела, ама сепак не е арна. Ама фала му на господа многу е арна и сé си има на светот. Но сепак не е арна.

Хелена

Ако е многу арна што ја мачи па не е многу арна?

Лаваш

Навистина е многу арна, ви велам, освен во две работи.

Хелена

Кои две работи?

Лаваш

Првата, што не е на небо кајшто бог треба што побргу да ја прати. Втората, што е на земја, од каде господ што побргу треба да ја испорача.
(*Влегува Парол.*)

Парол

Бог да ве благослови, среќна госпоѓо.

Хелена

Се надевам господине, дека немате ништо против да бидам среќна.

Парол

Ви ги ставив моите молитви на располагање да ги водите и упатувате, а за да ги задржите, држете ги постојано. Опаа, апашче едно мое, како ми е старата госпоѓа?

Лаваш

Така ви е: да ги имате нејзините брчки а јас нејзините пари, сé ќе биде како што велите.

Парол

Ама јас не велам ништо.

Лаваш

Што значи не сте многу глуп, зашто многу глупаци, плазејќи си ги јазиците ваму-таму, ги отерале господарите во пропаст. Да не се вели ништо, да не се прави ништо, да не се знае ништо и да се нема ништо, значи во голем дел да се покрива вашето звање кое речиси цело извира од најситното делче на ништото.

Парол

Да те нема, ти си гад.

Лаваш

Требаше да кажете, господине, ‘Пред еден гад, ти си гад’, односно ‘Пред мене ти си гад’. Ова би било најточно, господине.

Парол

Бриши, ти велам, ти си една итра будала. Те читнав.

Лаваш

Дали ме читнавте во себе, господине или ве научија да ме читнете?

Парол

Во себе, гаду.

Лаваш

Потрагата, господине, вродила со плод и многу будали сте читнале во себе на задоволство на светот и во интерес на порастот на смеата.

Парол

(*На Хелена*) Добар апаш, навистина и плус добро гоен.
Госпоѓо, господарот мој ноќеска заминува.
Многу сериозна работа неизоставно го вика.
Големата предност на љубовта и слатката служба
на кои вие имате право, ги признава сосем,
но присилен е да ги одложи на неодредено време:
А лишувањето од нив и доцнењето ќе роди нови сласти,
што сега вријат во казанот на зауздената време
за подоцна да шикнат со најстраствена радост
и пехарот на задоволството да го преплават.

Хелена

Дали повела уште нешто?

Парол

Бара уште веднаш да се збогувате со кралот
и ова брзање да го претставите ко потреба ваша
што ќе ја поткрепите со причини кои тој чекор
најдобро ќе го оправдаат.

Хелена

Што друго заповеда?

Парол

Штом ова до вас стигне, веднаш
да почекате на следните негови заповеди.

Хелена

Во сé ќе ги следам неговите желби.

Парол

Така ќе пренесам.

Хелена

Ве молам. Ајде момче.
(*Излегуваат со Парол на различни страни.*)

Сцена 5

(*Влегуваат Лафе и Бертрам.)*

Лафе

Се надевам дека не мислите за него дека е војник.

Бертрам

Баш мислам дека е и тоа докажан во својата смелост.

Лафе

Сигурно тој самиот ве убедил.

Бертрам

И други, се разбира, што го виделе на дело.

Лафе

Тогаш мојот сончев часовник не работи добро; мислев дека чучурлигава е стрчка.

Бертрам

Ве уверувам, господине, дека тој е многу учен а и храброста не му недостига.

Лафе

Тогаш испаднав грешник во врска со неговото искуство а престапник во врска со неговата храброст; па така положбата моја е опасна зашто никако да најдам покајување во моето срце. Еве го доаѓа. Ве молам спријателете нé. Ќе се трудам да бидеме пријатели.
(*Влегува Парол.*)

Парол

(*На Бертрам*) Она ќе биде направено, господару.

Лафе

(*На Бертрам*) Ве молам господару, кој му е кројач?

Парол

Господару!

Лафе

Добро го познавам. Да, 'господарот', тој; 'Господарот' е добар работник, многу добар кројач.

Бертрам

(*На страна на Парол*) Отиде ли таа кај кралот?

Парол

Да, господару.

Бертрам

И ќе си замине вечерва?

Парол

Баш како што ѝ заповедавте.

Бертрам

Ги напишав писмата, богатството го сокрив, наредив коњите да ни ги спремат, и ноќеска кога треба со невестата в кревет да спијам ќе свршам пред да почнам.

Лафе

(*На страна*) Добриот патник свршува со лезет при крајот на обедот, но кога во некого три третини се лага и користи општопозната вистина за покрај неа да провне едно чудо ништости, таквиот треба еднаш да се чуе а трипати да се тепа. (*На Парол*) Господ нека ви е на помош, капетане.

Бертрам

(*На Парол*) Да не има некаква нетрпеливост
помеѓу велможава овде и вас, господине?

Парол

Не знам како сум паднал во немилост кај
неговото лордсво.

Лафе

Сами измарифетисавте да паднете во неа,
сосе чизми, сосе мамузи и сосе сé како
оној што скокна во палачинка, и повеќе би
сакале да се извлечете оттаму за пак да скок-
нете одошто некој да ве праша зошто воопш-
што сте скокале.

Бертрам

Можеби, господине, мислите за него дека е
некој друг.

Лафе

Така и секогаш ќе мислам, па макар да го
најдам како се моли на бога. Збогум, гос-
подине и запомнете што ќе ви речам: нема
леб во оваа толку лесна корупка. Душата на
овој човек му е само во алиштата. Немојте
да му верувате таму кајшто станува збор
за потешки последици. Вакви ко него на
кила сум ги скротувал и добро им ја знам
природата. Збогум, мусје, јас говорев многу
подобро за вас одошто вие сте ме задолжиле
или ќе ме задолжите. Ама би требало на
лошото со добро да враќаме.
(*Излегува.*)

Парол

Изгледа нема што друго да прави господи-
нот, само мели.

Бертрам

Не е така.

Парол

Зарем не го познавате?

Бертрам

Многу добро; а и општото мислење вели
дека е многу ценет човек. Но еве прангите
ми идат.
(*Влегува Хелена.*)

Хелена

Зборував, господару, како што ми наредивте
вие,
со кралот и од него дозвола добив
веднаш да заминам; единствено тој сака
на само со вас да поразговара.

Бертрам

Ќе ја почитувам неговата волја.
Не треба да се чудите, Хелена, на постап-
ката моја,
која согласна не е со околностите, и оди про-
тив
исполнувањето и извршувањето на мојата
должност
законска. Но не бев подготвен ни малку
за таква работа, затоа во небрано сум фатен
и мошне неприбран. Тоа ме тера да побарам
од вас да заминете дома уште веднаш
без да ме прашате, туку да погодите сами
зошто ова го барам; бидејќи подобри се
многу
причините одошто навидум тие се чинат,
а постапките мои содржат во себе нужда
поголема отколку ви изгледа на прв поглед
вам што не ја знаете. Ова е за мајка ми.
(*Тој ѝ дава писмо.*)
Ќе се видиме по два дена, па на умот
ваш ве препуштам.

Хелена

Господару, немам што да кажам
освен дека сум ваш најпокорен слуга.

Бертрам

Добро, добро, доста за тоа.

Хелена

И дека вездeн
од сé срце ќе се трудам да го заслужам она
кое мојата припроста судбина ми го ускрати
и да станам достојна на својата голема среќа.

Бертрам

Доста за тоа.
Многу ми се брза. Збогум. Побрзајте дома.

Хелена

Ве молам, господару, простете ми.

Бертрам

За што да ви простам?

Хелена

Не сум достојна на богатството што го имам,
и не смеам да кажам дека е мое, иако е мое;
па сега ко уплашен крадец би сакала да го
крадам
она што законски е мое.

Бертрам

Што сакате уште?

Хелена

Нешто, кое и не е многу; всушност ништо.
Не би ви кажала што е, господару. Но сепак:
само туѓинци и непријатели се разделуваат
без бакнеж.

Бертрам

Ве молам, не задржувајте ме, качете се на
коњот.

Хелена

Ќе ја исполнам заповедта ваша, господару
најмил.
Каде ми се луѓето? – Господине, збогум.
(*Излегува Хелена со придружбата на една
страна.*)

Бертрам

Оди си дома кајшто никогаш нема да дојдам
додека рацеве ми држат меч а барабанот
воен вика.
Напред, во бегство!

Парол

Само храбро! Напред!
(*Излегуваат на друга страна.*)

Чин ТРЕТИ

Сцена 1

(*Труби. Влегуваат војводата од Фиренца и двајцата велможи Димен со група војници.)*

Војводата

Така подробно сега, една по една, ги чувте
најважните причини за оваа војна,
за чие големо решавање, многу крв се проли
и уште ќе се пролие зашто е жедна.

Првиот Димен

Света изгледа оваа борба
од страна на вашата милост; црна и страшна
од страна на непријателот.

Војводата

Затоа ни е чудно што роднината наш, кралот
на Франција, во толку правична кауза, нема
разбирање за молбите наши за помош.

Вториот Димен

Господару добар,
причините на државата наша не можам да ги
ценам
освен како обичен човек, надвор од власта
којшто ја замислува големата слика на совет-
тот
со штурите свои моќи; затоа нема да се дрз-
нам
да кажам што мислам за тоа, зашто нејас-
ните мои
претпоставки секогаш ми излегувале
грешни
без оглед колку да ми се чинеле точни.

Војводата

Негово е да прави како сака.

Првиот Димен

Но сигурен сум дека младите од нашиот
народ
кои мирот одамна ги гуши, секојдневно ќе
идат
во потрага по лек.

Војводата

И добредојдени ќе бидат
и сите почести што од нас можат да летнат
врз нивните гради ќе паднат. Вие си ги зна-
ете добро
вашите места; кога претпоставениот паѓа,
тој паѓа
за вам место да ви отстапи. Утре одиме во
битка!
(*Труби. Излегуваат.*)

Сцена 2

(*Влегуваат грофицата со писмо и Лаваш.)*

Грофицата

Сé испадна онака како што посакував, освен што тој не доаѓа со неа.

Лаваш

Жими сé, мислам дека мојот млад господар е мошне меланхоличен човек.

Грофицата

А врз основа на што, ви се молам?

Лаваш

Па тој гледа во своите чизми и пее, си ја дотерува јаката и пее, поставува прашања и пее, забите си ги чепка и пее. Познавам еден тип со таков меланхоличен навик којшто си го продаде имотот за песна.

Грофицата

Да видам што пишува и кога мисли да дојде. (*Го отвора писмото и чита.*)

Лаваш

(*На страна*) Повеќе не ми е Изабела по ќеф откако се вратив од дворот. Нашите стари риби и нашите селски Изабели не можат да се споредат со рибите и Изабелите од дворот. На мојот Купидон му се смати умот и сега запнав да сакам ко што запнува да ги сака парите некој изветреан старец кого стомакот одамна го издал.

Грофицата

Што имаме овде?

Лаваш

Она што го има таму.

Грофицата

(*Го чита писмото гласно*) ‘Ви испратив снаа. Таа го спаси кралот но ме закопа мене. Се оженив со неа но не спиевме заедно. Се заколнав неспиењето да биде за навек. Ќе слушнете дека сум побегнал. Подобро од мене да дознаете одошто од други. Сé додека светот е доволно широк мене ќе ме нема. Со сета должна почит,
Вашиот несреќен син
Бертрам.’
Ова не е добро, синко мој незрел и наглит,
да побегнеш од милоста на еден толку добар крал,
и неговата лутина да ја навлечеш на својата глава
отфрлајќи една девојка доблесна толку
што ниеден крал не би ја презрел.
(*Влегува Лаваш.*)

Лаваш

О госпоѓо, надвор ви стигнале мачни вести од двајца војници и младата господарка меѓу нив.

Грофицата

За што се работи?

Лаваш

Добро, има и нешто утешно во вестите, нешто смирувачко. Син ви нема да го убијат толку брзу како што си мислев.

Грофицата

А зошто би го убиле?

Лаваш

Ова го велам, госпоѓо, во случај да му ја збришал, а слушам баш така сторил. Опасноста доаѓа од излегувањето на мегдан; тука мажите ги требат иако се добиваат и деца. Но еве ги идат па дознајте повеќе од нив. Што се однесува до мене, јас само чув дека

син ви му ја здувнал.
(*Влегуваат Хелена со писмо и двајцата велможи Димен.*)

Вториот Димен

(*На грофицата*) Бог да ве варди и чува, госпоѓо.

Хелена

Госпоѓо, господарот мој замина, замина за навек.

Првиот Димен

Не велете така.

Грофицата

(*На Хелена*) Приберете се. – Ве молам, господа,
во животот осетив толку напливи на тага и радост
што ниеден од нив кога така апансас ме удри
не може да ме натера да реагирам ко жена.
Каде е син ми, ве молам?

Првиот Димен

Замина госпоѓо во служба на војводата од Фиренца.
Идејќи од таму го сретнавме попат
а откако ќе ја завршиме работата на дворот
повторно се враќаме таму.

Хелена

Писмото чујте му го, госпоѓо, мојот пасош.
(*Го чита на глас.*)
'Кога ќе успееш да дојдеш до прстенов на прстот, којшто никогаш нема да го извадам, и ако ми покажеш дете зачнато во тебе на кое јас му сум татко, тогаш можеш да ме наречеш сопруг; но за таквото 'кога' јас додавам 'никогаш'.
Ова е пресудата страшна.

Грофицата

Вие, господа, го донесовте писмото?

Првиот Димен

Да, госпоѓо,
но кога чувме што вели, жалиме за трудот.

Грофицата

Те молам, чедо, ободри се малку.
Ако сиот страд го примаш при срце
мојата половина ќе ја сотреш. Син ми беше,
но името ќе му го измијам од крвта моја
и ти ќе ми бидеш единствената рожба.
кон Фиренца, рековте, тргнал?

Првиот Димен

Да, госпоѓо.

Грофицата

За да стане војник?

Првиот Димен

Таква му е намерата благородна, а верувајте,
Војводата ќе му ги подари почестите должни
што редот си ги носи.

Грофицата

Се враќате таму?

Вториот Димен

Да, госпоѓо, најбргу што можеме.

Хелена

'Додека не сум без жена, немам ништо во Франција.'
Ова е жив пелин.

Грофицата

Баш така пишува таму?

Хелена

Баш така.

Вториот Димен

Тоа е само безочноста на неговата рака,
со која срцето сигурно не му било согласно.

Грофицата

Немал ништо во Франција додека не останел без жена?
Овде нема ништо подобро за него
од оваа негова жена која заслужува господин некој
кого дваесет вакви прости момци го служат
а нејзе ја викаат госпоѓо секој час. Кој беше со него?

Вториот Димен

Слугата само и еден господин
кого повремено сум го сретнал.

Грофицата

Можеби Парол, не?

Вториот Димен

Токму така, госпоѓо, тој.

Грофицата

Многу расипан човек, полн злоба.
Син ми си ја расипува природно добрата нарав
заведен од него.

Вториот Димен

Така е, госпоѓо добра,
тој мангуп и премногу има од тоа
заради кое мисли дека има многу.

Грофицата

Господа, добро ми дојдовте.
Ве молам кога син ми ќе го видите повтор
кажете му дека со мечот не ќе може да ја врати
загубената чест. А останатото ве молам
на писмено да му го предадете.

Првиот Димен

Ние на услуга ви стоиме
госпоѓо, за ова и за што било друго важно.

Грофицата

Благодарам, но услуга со услуга се враќа.
Приjдете, ве молам.
(*Излегуваат сите освен Хелена.*)

Хелена

‘Додека не сум без жена немам ништо во Франција.’
Ништо во Франција додека не сум без жена.
Ќе немаш ниедна, Русион, ниедна во Франција;
а потоа пак сé ќе имаш. Господару мој сирот,
зарем јас те протерав од земјава и сторив
кревкото тело твое да се изложи на ветрот
од безмилосната војна? Зарем јас бев таа
што те протера од веселиот двор кајшто
беше гаѓан од убави очи, да станеш мета
на зачадените пушки? О вие оловни зрнца
што јавате бесно на брзата секавица од огнот
по крив пат тргнете, распарајте го моќниот воздух
што плаче и пак живее, но не удирајте во него.
Ако некој пука во него, него јас сум го пратил.
Ако некој јурне кон отворените му гради
јас сум предавникот што на тоа сум го навел,
па иако не сум го убила, јас сум причината
што таква смрт го снашла. Поарно би ми било
крвожеден лав да сретнам како болно рика
од лута глад мачен; поарно би ми било
сите беди што природата исконски ги котка
наеднаш да ме стрефат. Не, дојди дома, Русион,

од кајшто честа од опасноста искамчува
само лузни,
и кајшто најчесто се губи сé. Одовде си одам;
тоа што сум овде те задржува тебе таму.
Зарем да останам овде? Не, не, иако
овде воздухот рајски куќата ја павка
и ангели во неа служат. Заминувам од овде
за шепотот на сожалбата за бегството мое
да јави
утеха за твоето уво. Светлино згасни, темницо слези страдна
за ко крадец сирот, со мракот да бегам јадна.

Сцена 3

(*Труби. Влеуваат војводата од Фиренца, Бертрам, Парол, војници. Барабани и труби.)*

Војводата

(*На Бертрам*) Заповедник на нашата коњаница си ти, а ние,
полни надеж, ја положуваме сета љубов и верба
во твојот успех.

Бертрам

Господару, товар
претежок е тоа за моите плеќи, но сепак
ќе се трудиме да го дотераме заради каузата ваша
правична до самиот лизгав раб на амбисот.

Војводата

Тогаш тргни,
и среќата нека заигра на шлемот твој светол
ко бодра заштитничка.

Бертрам

Баш денеска,
голем Марсе, стапувам цврсто во редовите твои,
соништа да ги остварам ко голем пазач,
љубител на барабанот, а на љубовта мразач.
(*Излегуваат.*)

Сцена 4

(*Влегуваат грофицата и Рејналдо, нејзиниот управник со писмо.)*

Грофицата

Боже! Зошто го примивте писмото од неа?
Зарем не насетивте дека ќе го стори тоа што го стори
испраќајќи ми писмо? Прочитајте го уште еднаш.

Рејналдо

(*Го чита писмото*) 'Ација станав во Сен Жак појдов,
јас на љубовта ѝ згрешив па за покорение
по голата земја сега босонога газам
со завет свет за гревот да бидам на искушение.
Пишете, пишете, за од текот на крвавата војна
мојот најмил господар, синот ваш драг, да се врати.
Благословете го дома во мир, а оддалеку јас
името ќе му го посветам со молитви слатки.
Маките поднесени нека ми ги прости мене,
неговата презрена Јунона, што го испратив да семне
далеку од дворот на мегдан со душмани лути
кајшто смртта над вредните постојано демне.
Предобар е, преубав за смртта и за мене
за слобода да му дадам, поарно мене нека ме земе.'

Грофицата

Ах колку остри осила во зборовите најблаги нејни!
Рејналдо, голема грешка сторивте, велам,
што дозволивте да замине така. Да зборував со нејзе
ќе ја одвратев од намерата нејзина ваква
што вака таа ја спречи.

Рејналдо

Простете ми, госпоѓо,
да ви го дадев писмото уште сношти
можеби ќе ја довтасавте иако овде вели
дека гонењето не би помогнало.

Грофицата

И кој ангел сега
ќе бдее над овој недостоен сопруг? За него нема успех
освен ако молитвите нејзини кои небото љуби да ги слуша
и сака да ги исполни, не го спасат од гневот на правдата божја. Пишувај, пишувај, Рејналдо,
до овој недостоен маж на неговата жена.
Нека секој збор тежи колку нејзината вредност,
која нему прелесна му се чини; мојата лута болка,
иако тој малку ја чувствува, срочете ја моќно и силно.
Најпогодниот гласник испратете го таму.
кога гласот до него ќе стигне дека заминала
може ќе се врати, а се надевам исто и таа
кога ќе дознае за ова, бргу назад ќе се врати
водена овде од чиста љубов. Кој од нив двајца
ми е помил срцево мое не може да каже.
Згрижете го гласникот.
Годните ми стежнале, срцево ме боли без мера,
да плачам јадот, да говорам тагата ме тера.
(*Излегуваат.*)

Сцена 5

(*Надвор од Фиренца. Влегуваат една стара вдовица, ќерка ѝ Дијана, Маријана и други граѓани на Фиренца.)*

Вдовицата

Ваму, ваму, оти ако се доближат до градот ништо нема да видиме.

Дијана

Велат францускиот гроф сите почести ги заслужил.

Вдовицата

Велат дека го заробил нивниот главен командант и дека со своја рака го сосекол братот на војводата. Ама попусто се трудевме; отидоа на другиот крај. Слушајте! По трубите ќе знаеме.

Маријана

Да одиме назад, па да се задоволиме со она што ќе ни го прекажат. – Па, Дијана, причувај се малку од оној француски гроф. Името на девојката е нејзината чест и ниедно наследство не е толку богато како честа.

Вдовицата

(*На Дијана*) На комшивката ѝ кажав како не те остава на мир еден господин од неговата свита.

Маријана

Го знам тој апаш, бесилка заслужува! Некојси Парол. Расипник којшто ги извршува подведувањата за овој млад велможа. Чувај се од нив, Дијана; нивните ветувања, заведувања, заклетви, дарови и сите слични марифетлуци на похотата сосема се поинакви одошто на прв поглед изгледаат. Многу девојки настрадале од нив; а најстрашното е што примерот што ги покажува стравотиите на уништената невиност не може да ги застраши и спречи другите, туку и тие, ко муви без глава, се фаќаат на истото лепило. Мислам дека не треба уште да ти солам памет, туку дека самата ваша чесност ќе ве задржи да останете на она на што сте, па макар притоа да нема друга опасност освен губење на сопствената пристојност.

Дијана

Немојте, ви се молам, да се грижите за мене. (*Влегува Хелена облечена како покајничка.*)

Вдовицата

Се надевам дека е така. Но гледајте, доаѓа некаква покајница. Знам дека ќе престојува кај мене. Сите тие се испраќаат кај мене дома. Ќе ја прашам.
Боже, поможи покајнице. Каде ако не е тајна?

Хелена

Во Сен Жак ле Гран.
Но кажете ми, ве молам, каде аџиите на конак
ги примаат?

Вдовицата

Во 'Свети Франциско' веднаш тука до градските порти.

Хелена

Дали ова е патот?

Вдовицата

Да, тој е.
(*Оддалеку се слушаат звуци од марширање.*)
Чујте ги, наваму идат. Ако причекате малку, света аџике, додека трупите овде минат, самата ќе ве одведам до вашиот конак уште повеќе што ја знам домаќинката ваша ко самата себе.

Хелена

Вие сте таа?

Вдовицата

Ако ви е мило, аџике, тоа сум јас.

Хелена

Ви благодарам; ќе почекам колку што треба.

Вдовицата

Доаѓате, ми се чини, од Франција?

Хелена

Токму така.

Вдовицата

Овде ќе видите еден ваш земјак
којшто се покажа голем јунак.

Хелена

Како се вика, ве молам?

Дијана

Грофот од Русион. Сте чуле за него?

Хелена

Само сум чула, сé најубаво за него велат
но како изгледа, не знам.

Дијана

Овде се истакна многу,
без оглед кој е. Од Франција побегнал,
како што велат, зашто кралот го оженил
против неговата волја. Мислите дека е баш
така?

Хелена

О, да, баш е така. Ја знам неговата жена.

Дијана

Има еден господин што служи кај грофот
само лошо говори за неа.

Хелена

Како се вика?

Дијана

Господин Парол.

Хелена

Па мислам дека е во право.
Во споредба со гласот и вредноста
на големиот гроф таа е толку безначајна
што ни името не треба да ѝ се споменува.
Само честа
и скромноста ѝ вредат а нив барем не сум
чула
некој да ги црни.

Дијана

Кутрата таа,
мора да е тешко ропство да бидеш жена
на гроф што те презира.

Вдовицата

Сигурно, добра душо, каде и да е таа сега
срцето ѝ се стега. Оваа мома млада може
убави работи да ѝ изнаприкаже, ако сака.

Хелена

Што сакате да кажете?
да не ѝ фрлил око заљубениот гроф
на незаконски начин?

Вдовицата

Токму така
и во тоа не се сноби да користи секаков
начин
што може да ја начне нежната чест на една
мома.

Но таа знае да се брани многу чесно,
почесно не може да биде.

Маријана

Бог да чува и да брани од друго.
(*Влегуваат со барабани и знамиња Бертрам и Парол заедно со група војници.*)

Вдовицата

Еве ги, идат.
Оној е Антонио, најстариот син на војводата;
оној Ескало.

Хелена

Кој е францускиот?

Дијана

Оној онде со перцето. Многу шармантен јунак.
Камо да ја сака својата жена. Да беше почесен
ќе беше и подобар. Зарем не е убав господин?

Хелена

Многу ми се допаѓа.

Дијана

Штета што не е чесен.
Ене го и тој подлец што го влечка по разни места.
Да сум негова госпоѓа, би го отрула тој подол гад.

Хелена

Кој е тој?

Дијана

Онаа мајмунска муцка со еполети.
Што се омацурил така?

Хелена

Можеби е ранет во војниве.

Партол

(*На страна*) Барабанот да го загубам?
Сјајно!

Маријана

Нешто е многу збунет и сметен.
Гледајте, нé намириса.

Вдовицата

(*На Парол*) Бесилка е за тебе!

Маријана

(*На Парол*) И за твојата стројничка вештина!
(*Излегуваат Бертрам, Парол и војниците.*)

Вдовицата

Војската помина. Ајде аџике, одиме право
на конак. Од миросаните испосници
имам четворица или петмина дома
што одат за Сен Жак.

Хелена

Покорно ви благодарам.
Ако на госпоѓава и на ова лично моме
им е по волја да вечераат со нас, трошоците и сета
благодарност ќе бидат мои. А да се оддолжам сосем
на оваа чедница некои совети ќе ѝ дадам
вредни за помен.

Вдовицата и Маријана

Љубезно понудата ја прифаќаме.
(*Излегуваат.*)

Сцена 6

(*Влегуваат Бертрам и двајцата велможи Димен.)*

Вториот Димен

(*На Бертрам*) Па, господине мој добар, нека сам ги вади костените од огнот. Како знае и умее.

Првиот Димен

(*На Бертрам*) Ако не откриете дека е обичен простак, загубете ја сета почит кон мене.

Вториот Димен

Меур од сапуница, господине.

Бертрам

Мислите до толку ме влече за нос?

Вториот Димен

Верувајте ми, господине. Од мое лично искуство ви велам, без злоба, како да ми е роднина, тој е кукавица над кукавиците, лажго кому ни Минхаузен не му е рамен, човек што секој час го прекршува ветувањето, кретен што нема ниедна особина што би можела да го заслужи вашето внимание.

Првиот Димен

Би било убаво да му го видите правото лице, инаку тој, ако премногу се потпрете на неговата чесност која, за жал, ја нема, може во даден момент, важен и доверлив, кога сте во најголема опасност, да ве остави на цедило и да ви го сврти грбот.

Бертрам

Камо да ми се укаже погодна прилика па да го ставам на проба.

Првиот Димен

Веќе ја имате: нека го пронајде и нека го донесе својот барабан за којшто чувте колку самоуверено се фали дека самиот ќе го врати.

Вториот Димен

Јас, со една група наши војници, ненадејно ќе го нападнам.
Ќе изберам такви кои, сигурен сум, нема да ги распознава од непријателските. Ќе го збуниме и ќе му ги врземе очите така што цело време ќе мисли дека се наоѓа во логорот на непријателот иако ќе го донесеме во нашиот. Вие присуствувајте на сослушувањето: ако тој, фатен во небрано и обземен од кукавички страв, кога ќе му се вети животот, не се понуди да ве предаде и да им го каже сé она што против вас го знае и тоа ставајќи ја со заклетва во залог својата бесмртна душа, тогаш повеќе никогаш не верувајте во мојата моќ за резонирање.

Првиот Димен

О, пуштете го, за смеа барем, да го врати својот барабан. Тој вели дека смислил како. Па ако вие, и кога ќе му го спознаете вистинското лице и кога ќе видите во каква безвредна смеса се стопил овој лажен грумен злато, ако вие и тогаш не го сметате за апаш со кого треба апашки и да се постапува, тогаш ќе речам, вашата наклоност кон него е непоколеблива. Еве го иде.
(*Влегува Парол.*)

Вториот Димен

(*На страна*) О, барем за смеа (*На глас*) не спречувајте го да си ја заслужи честа што по делото му следи; дозволете му во секој случај да го врати барабанот.

Бертрам

(*На Парол*) Мусје! Тој барабан постојано ви ве врти в глава и не ви дава мир.

Првиот Димен

Ѓавол да го земе, кренете раце од него. Се работи само за еден барабан и ништо друго.

Парол

За еден барабан? Барабан и ништо друго? Така да се загуби барабанот! Ама команда падна: нашата коњаница да удри по нашите крила и да ги парчоса сопствените војници!

Првиот Димен

Нема тука што да се префрли на командата. Лоша воена среќа беше што ни самиот Цезар не би ја спречил да беше таму и да командуваше.

Бертрам

Па нема баш причина да се жалиме на воената среќа. Малку се изрезиливме со губењето на тој барабан ама што е тука е.

Парол

Што е тука тука е?

Бертрам

Можеше да е поинаку, ама не е.

Парол

Не е ама може да биде. Кога заслугата во службата не би се давала ретко на оној што ја заработил, би го вратил тој барабан или друг, или поарно да ме нема.

Бертрам

Ако ви стиска господине, не гледам кој би ве спречил. Ако мислите дека со вашиот план можете да го вратите овој симбол на честа таму кајшто припаѓа, соберете храброст и преземете го потфатот. Ваквиот подвиг достојно ќе го наградам. Ако успеете во ова, војводата ќе ве цени многу и ќе ве награди како што му доликува на неговата величина и тоа доследно до висината на вашата заслуга.

Парол

Жими војничкава десница, ќе го сторам тоа.

Бертрам

Ама немојте да одолговлечувате.

Парол

Уште вечерва почнувам; веднаш ќе запишам уште некои ситници за кои не сум сигурен, ќе си ја ободрам самодовербата и ќе почнам трескавично да работам. Околу полноќ очекувајте да чуете уште од мене.

Бертрам

Може да го известам војводата дека сте се нафатиле на ова?

Парол

Не знам дали ќе успеам, господару, ама се колнам дека ќе се обидам.

Бертрам

Знам дека си храбар. На писмено ќе гарантирам за твоите војнички вештини. Збогум.

Парол

Не сум за зборови туку за дела.
(*Излегува.*)

Вториот Димен

Колку што рибата сака да е на суво. (*На Бертрам*) Зарем не е чуден, господине, што со толкава самоувереност се нафаќа да ја заврши работата за која самиот знае дека не е кадарен да ја заврши? Самиот се осудува на вечна мака в пекол.

Првиот Димен

(*На Бертрам*) Не го познавате господине, како што го познаваме ние. Точно е дека знае да се пикне некому под кожа и за една недела да избегне многу работи што се дознаваат за него, но кога еднаш го вчопите, нема каде да ви бега.

Бертрам

Мислите дека нема ништо да направи од сето ова што овде толку сериозно го вети?

Вториот Димен

Ништо ви тврдам. Само ќе се врати со некаква измислица и ќе се обиде да ве врзе со две три лаги. Ама веќе му поставивме стапица. Вечерва ќе му се види вистинскиот лик; тој навистина не ја заслужува вашата почит.

Првиот Димен

Првин малку ќе ве забавуваме со тој лисец а потоа ќе го одереме. Прв го надуши стариот господин Лафе. Кога ќе му се извади маската, ќе ми кажете какво гомце се крие во него, а тоа уште вечерва ќе го видите.

Вториот Димен

Треба да го проверам лепилото. Сигурно ќе се фати!

Бертрам

Вашиот брат доаѓа со мене.

Првиот Димен

Како сака вашето господство. Одам.
(*Излегува.*)

Бертрам

А сега ќе ве одведам во онаа куќа, да го видите
дејчето за кое ви говорев.

Вториот Димен

Но рековте дека била чедна.

Бертрам

Тоа и е маката. Само еднаш зборував со неа
а таа беше студена ко мраз, но ѝ праќав
по овој ист шутрак кому му влеговме во трага
дарови и писма кои ми ги враќаше назад;
тоа беше сé од моја страна. Прекрасна е, ви велам.
Ќе сакате да ја видите?

Вториот Димен

Со големо задоволство, господине.
(*Излегуваат.*)

Сцена 7

(*Влегуваат Хелена и вдовицата.)*

Хелена

Ако се сомневате дека не сум баш таа
не знам тогаш како би можела да ве убедувам уште
зашто го губам тлото врз кое градам.

Вдовицата

Навистина имотната состојба ми е влошена, но родум
сум од богата куќа и не се разбирам во работи вакви
па не би сакала ни сега честа да си ја валкам со нечесни дела.

Хелена

Нити пак јас го сакам тоа.
Пред сé поверувајте ми дека маж ми е грофот
и дека она што ви го кажав откако се обврзавте
дека нема да го прекажете, е вистина чиста, а после
сфатете дека нема да згрешите во никој случај
што ќе ми помогнете со помошта што од вас ќе ја позајмам.

Вдовицата

Ќе ви поверувам, зашто
ми покажавте на дело дека сте госпоѓа со многу
добра имотна состојба.

Хелена

Земете го ова ќесе злато,
нека со него ја закупам помошта пријателска ваша,
која и ќе ја преплатам, и повторно ќе ја платам
кога ќе ја добијам. Грофот по ќерка ви запнал,
убавината ѝ ја опколил со опсада блудна
и решил да ја освои. Нека најпосле се согласи таа
а како ќе го изведе тоа јас најдобро ќе ѝ кажам.
Тогаш неговата заблудена крв нема да одбие ништо
што таа ќе го побара. Прстен грофот на прст има
што во семејството негово се пренесува гордо
од син на син повеќе од четири или пет века
уште од кога првиот татко го носел. Тој прстен
грофот безмерно го цени; сепак во страст здивен,
нема прескап да му се види па ќе го даде, макар
после да се кае.

Вдовицата

Сега ја сфаќам суштината на планот.

Хелена

Тогаш гледате дека сé е по закон. Нема ништо друго
освен ќерка ви пред навидум да му подлегне на страста
прстенот да му го побара; потоа состанок да закаже
со него и најпосле, јас да ја преземам улогата
а таа негибната да си оди. Потоа, велам,
за свадбата нејзина ќе додадам уште три илјади круни
на она што веќе го дадов.

Вдовицата

Се согласувам.
Вие пак на ќерка ми дајте ѝ напатствие како да се држи
за времето и местото со оваа законска измама
се совпаднат сосем. Секоја ноќ тој иде
со музики и свирки разни и стокмени песни
за маленкоста нејзина. Ништо нé помага

што со прекор од праг го тераме, зашто тој
запнал
ко животот од тоа да му зависи.

Хелена

Тогаш уште ноќва
да го спроведеме планчето: успее ли цело,
зол наум ќе биде за законско дело,
законски наум за зло дело решен
без грев, но пат изведен грешен.
Но, да прејдеме на работа.
(*Излегуваат.*)

Чин ЧЕТВРТИ

Сцена 1

(Влегуваат вториот Димен со пет или шест војници во заседа.)

Вториот Димен

Не може да дојде по друг пат освен по овој свиок. Кога ќе се нафрлите на него, говорете на некој грозен јазик; не пречи ако и сами не го разбирате зашто би требало да се правиме дека никој не го разбира освен еден меѓу нас којшто ќе го назначиме за толкувач.

Толкувачот

Ве молам јас да бидам толкувач, господине капетане.

Вториот Димен

Не си се запознал со него? Дали гласот ти го знае?

Толкувачот

Не, господине, ни случајно.

Вториот Димен

А каква тогаш циркузијада ќе користиш кога ќе разговараш со нас?

Толкувачот

Иста на која вие ќе говорите со мене.

Вториот Димен

Мора да мисли за нас дека сме некаква странска единица во служба на непријателот. Проблем е што тој знае шат-пат од сите околни јазици, затоа секој од нас треба да треска што ќе му падне на памет. Да не знаеме што си говориме еден на друг а да се правиме дека знаеме значи да ја знаеме целта: да гракаме на чавкински јазик, што повеќе толку подобро. Што се однесува до вас, толкувачу, вие треба да бидите вистински политичар. Но, лежи! Еве го иде, да отспие два часа за потоа да се врати и да се колне во лагите што сам ги исковал.
(*Се кријат. Влегува Парол. Удира часовникот*)

Парол

Десет часот. По едно три часа таман ќе биде време да се вратам дома. Што ќе речам дека сум сторил? Мора да биде тоа нешто убедливо, нешто кул. Веќе почнаа да ми душкаат по трагите, а во последно време, неволите многу често ми чукаат на врата. На јазик сум храбар од мерата надвор, ама срцево однапред ми фаќа страв од Марс и неговите воини па не смее да се дрзне на она што јазиков ми го плапоти.

Вториот Димен

(*На страна*) Ова е прва вистина за која твојот јазик е виновен.

Парол

Кој ѓавол ме дупна да се нафатам да го вратам проклетиот барабан кога од почеток бев свесен и знаев дека немам намера ништо да сторам? Мора да се ранам на неколку места и да кажам дека раните сум ги добил

во борба. Само со мали не можам да поминам. Ќе речат: 'Вака лесно се извлече?' А за големи немам срце. Значи што да им пласирам? Ќе морам, јазику, да те ставам во устата на некоја млекарка а за себе да си купам друг од маската на Бајазит ако ти со своите мелења ме пикаш во такви опасности.

Вториот Димен

Можно ли е да знае кој е и каков е, а пак да биде таков?

Парол

Ех, кога би било доволно да си ги исечам алиштата или да си го скршам шпанскиов меч.

Вториот Димен

Така не може ни случајно.

Парол

Или пак да си ја исечам брадата и да речам дека тоа било дел од стратегијата.

Вториот Димен

Нема да прође.

Парол

Или да ги потопам алишатата и да речам дека ме нападнале и ме соголиле до кожа.

Вториот Димен

Нема шанси.

Парол

Или да се заколнам дека сум скокнал од прозорецот на тврдината.

Вториот Димен

Од која висина?

Парол

Педесет метри.

Вториот Димен

Никој жив нема да поверува.

Парол

Да имав барем еден непријателски барабан. Би се заколнал дека со тешка борба сум го зел.

Вториот Димен

Сега еден ќе чуеш.

Парол

Кога сега еден непријателски барабан – (*Узбуна. Војниците излегуваат од засадата.*)

Вториот Димен

Troka, novuozos, kargo, kargo, kargo.

Војниците

Kargo, kargo, kargo, vilianda par korbo, kargo.
(*Го фаќаат и му ги врзуваат очите.*)

Парол

О, милост, милост! Не врзувајте ми ги очите.

Толкувачот

Boskos tromuldo boskos.

Парол

Знам добро дека сте вие од полкот руски и главата ќе ми летне оти јазикот ваш не го говорам. Но ако меѓу вас има некој Германец, Данец, Холанѓанец, Француз

или Италијанец нека говори со мене
а јас ќе им кажам опасноста од каде иде
за Фирентинците.

Толкувачот

Boskos vauvado.
јас те разбирам и го говорам твојот јазик.
Kerelibonto. Господине,
помоли се на богот твој зашто седумнаесет сабји
над глава ти висат.

Парол

О!

Толкувачот

Моли, моли, моли!
Manka revania dulce?

Вториот Димен

Oskorbidulcos volivorko.

Толкувачот

Генералот се согласува да те остави во живот
и со врзани очи да те одведеме во нашиот логор
и да те распрашаме. Можеби ќе ни кажеш нешто
што животот ќе ти го спаси.

Парол

О, оставете ме во живот
и ќе ви ги откријам сите тајни на нашиот логор
бројната состојба, целите; работи ќе ви кажам
од кои ќе се шекнете.

Толкувачот

Без никаква лага?

Парол

Без.

Толкувачот

Akordo linta.
Одиме. Сега за сега си уште жив.
(*Излегуваат сите освен вториот Димен и еден војник.*)

Вториот Димен

Оди и кажи им на грофот Русион и на брат ми
дека го фативме дивото петле и дека ќе го чуваме
забулено додека не дојде заповед од нив.

Војникот

Разбирам, капетане.

Вториот Димен

Сите ќе нé предаде на самите нас.
Така кажи им.

Војникот

Ќе им пренесам, господине.

Вториот Димен

Дотогаш ќе биде чуван од темница и клуч.
(*Излегуваат.*)

Сцена 2

(Влегуваат Бертрам и Дијана)

Бертрам

Ми рекоа дека се викате Фонтибел.

Дијана

Не, господине, туку Дијана.

Бертрам

Име на божица,
и тоа заслужено. Но девојко лична,
зарем не е љубовта состојка на преубавата става?
Ако живиот оган на младоста од душа не ви зрачи
не сте девојка туку споменик студен.
Кога ќе умрете треба да сте ваква,
ко што сте сега, студена, мошне строга
место да бидете ко мајка ви што била
кога вас преубава ве зачнувала.

Дијана

Тогаш била чесна.

Бертрам

Такви треба да сте и вие.

Дијана

Не.
Само должноста мајка ми си ја вршела; таква
каква што вие кон жена ви ја имате.

Бертрам

Доста за тоа.
Те молам, не противи се веќе на заклетвите мои.
На сила со неа ме врзаа, но тебе те сакам
принуден слатко од самата љубов и вечно
ќе ти служам со сé што должам.

Дијана

О вие нам ни служите
додека ние ви служиме. Но штом розите наши
од нас ги скинете, само трњето нам ни останува
за да се боцкаме дури вие ја ставете на потсмев
нашата голотија.

Бертрам

Зарем џабе се колнев?

Дијана

Многуте заклетви знам, вистината не ја чинат,
туку едноставниот прост завет искрено даден.
Со она што не ни е свето, не се колнеме ние
туку Горниот го призиваме за сведок; оти, кажете ми, ве молам,
кога би се заколнала со сите божји моќи
дека многу ве сакам, дали би ми верувале на мојот завет
ако неискрено ве сакам? Ова не фаќа место,
да се колнам во него за кого велам дека го сакам
дека ќе работам против него. Затоа заклетбвите ваши
се зборови само, обврски бедни без печат
јас барем така мислам.

Бертрам

Премисли се, премисли се.
Не биди толку аскетски сурова. Љубовта е света
а исправноста моја никогаш за измами такви
не знаела со кои мажите ги обвинувате.
Попушти еднаш,
и предај се слатко на страста моја болна, која така
ќе оздрави. Речи дека си моја, па љубовта моја
ќе остане засекогаш иста.

Дијана

Гледам дека машките јажето околу врат до толку
ни го затегнуваат што мора да се предадеме. Дајте ми го
прстенот.

Бертрам

Можам на заем да ти го дадам, мила, но моќ немам
од себе да го оттуѓам.

Дијана

Значи ме одбивате?

Бертрам

Чест е тој што припаѓа на куќата наша
предавана верно од предок на предок
и најголем резил би бил на светот
ДА го загубам.

Дијана

И мојата чест е таков еден прстен.
Невиноста моја е билјур на куќата наша
предавана верно од предок на предок
и најголем резил би бил на светот
да ја загубам. Така вашата лична мудрост
го придобива борецот Чест на моја страна
против залудните ваши налети.

Бертрам

Еве, земи го прстенов.
Домот свој, честа своја, па дури и животот свој
ти ги давам, наредувај да ти служам.

Дијана

На полноќ, затропајте на прозорецот од мојата соба.
Ќе средам мајка ми ништо да не слушне.
А сега ве врзувам со обврска една чесна,
кога ќе се доградите до постелата моминска моја,
останете таму само еден час, не говорете ништо –
причини многу сериозни имам а ќе ги дознаете вие
кога повторно прстенов ќе го добиете назад-
а на вашиот прст во ноќта ќе ви ставам
друг прстен, работа што со време врз нашите чела
би паднала ко спомен на поранешните дела.
До тогаш збогум; дојдете. Ви дарувам од себе љуба
иако свесно надежта сопствена ја губам.

Бертрам

Ми го даруваш рајот земски, дарувајќи се сама.

Дијана

Поживеј па благодари им на Бога и мене.
А можеби така и ќе биде.
(*Излегува Бертрам.*)
Мајка ми ми кажа точно како ќе ме двори
небаре в срце самата му беше. Рече сите мажи
во исти работи се колнат. Се заколна ќе ме венча
кога жена му ќе умре; значи со него ќе легман
кога ќе ме закопаат. Ако Французите вака просат
други нека се мажат; невиноста јас в гроб ќе си ја носам.
А грев не е мислам, вака да се насамари
тој што сака со измама да ќари.
(*Излегува.*)

Сцена 3

(Влегуваат двајцата капетани Димен и двајца војници.)

Првиот Димен

Не му го дадовте писмото од мајка му?

Вториот Димен

Му го дадов пред еден час. Има нешто внатре што добро го жегна зашто читајќи го, се смена во друг човек.

Првиот Димен

Навлече на себе многу заслужени прекори што ги отфрли од себе својата многу добра жена и прекрасната мајка.

Вториот Димен

Посебно ја навлече на себе вечната ненаклоност на кралот, којшто ја имаше речиси навиено својата штедрост да раѓа низ песна среќа за овега. Ќе ви кажам уште нешто ама ќе треба да го закопате длабоко во себе.

Првиот Димен

Уште кога рековте тоа е веќе мртво а јас сум претворен во гроб.

Вториот Димен

Тој заведе овде во Фиренца една девојка од многу честито семејство а ноќеска ја гасни жедта на својата похота уништувајќи ја нејзината невиност. Веќе ѝ го даде својот бесценет прстен и се замислува луд од среќа заради оваа валкана врска.

Првиот Димен

Не дај боже човек да залида во отпаднишство! Што сме ние оставени сами на себе?

Вториот Димен

Само предавници сами на себе. И како што се случува со секое предавство, предавниците се откриваат самите себеси уште пред да ги остварат своите грди цели; така и тој што е предавник на сопственото благородништво, ќе биде исфрлен на брегот од сопствената матица.

Првиот Димен

Зарем не е проклетство скриено во нас што сами си трубиме за сопствените незаконски намери? Значи ноќеска нема да биде со нас?

Вториот Димен

Не до после полноќ зашто точно му е одреден часот на состанокот.

Првиот Димен

Тоа ќе прође додека трепнеш. Одвај чекам да види како му го распнуваат другарот, за да може да си ја измери точноста на својот суд со кој толку раскошно го врамил овој фалсификат.

Вториот Димен

Нема ништо да започнеме пред тој да дојде, бидејќи неговото присуство треба да биде камшик за другиот.

Првиот Димен

Кажете ми дотогаш до каде е работата со војнава?

Вториот Димен

Слушам веќе преговараат за склучување мир.

Првиот Димен

Не, туку мирот веќе е склучен.

Вториот Димен

Што ќе прави тогаш грофот Русион? Дали ќе замине на друго место или ќе се врати во Франција?

Првиот Димен

Гледам по прашањево дека не сте во неговиот совет.

Вториот Димен

Скраја да е, господине; после ќе се мисли дека јас сум му солел ваков ум.

Првиот Димен

Господине, има веќе два месеца откако жена му побегната од дома. Рекла дека оди на аџилак во Сен Жак ле Гран и го извршила овој свет потфат со најголема побожност; но додека престојувала таму, кревкоста на нејзината природа станала плен на тагата; на крајот, ја дала душата на бога и сега пее на небо.

Вториот Димен

Како е ова утврдено?

Првиот Димен

Најголемиот дел според нејзините писма кои ја потврдуваат точноста на нејзината приказна до пред смртта, додека самата смрт која, нормално, не можела сама да ја соопшти, според верната потврда на парохот од таа област.

Вториот Димен

Дали грофот знае за ова?

Првиот Димен

Да; и доби посебни потврди точка по точка, за потврдување на вистинитоста во целост.

Вториот Димен

Од срце жалам што тој ќе се радува на ова.

Првиот Димен

Колку моќно понекогаш се тешиме со нашите загуби.

Вториот Димен

И колку моќно понекогаш ги гушиме добивките во солзи. Големиот углед што неговата храброст го стекна овде, дома ќе биде дочекан со уште поголем резил.

Првиот Димен

Платното на нашите животи е испредено од мешана преѓа; и од лошо и од добро. Доблестите би ни биле горди кога нашите грешки не би ги камшикувале а злоделата би паднале во очај кога не би биле разблажени од нашите доблести.
(*Влегува еден слуга.*)
Што има? Каде ви е господарот?

Слугата

Го сретна војводата на улица, господине, и свечено се збогува со него. Неговото господство има намера утре да замине за Франција. Војводата му понуди препораки до кралот.

Вториот Димен

Таму ќе му требаат од мерата надвор па макар и да го препорачуваат повеќе од што можат.
(*Влегува Бертрам.*)

Првиот Димен

Не можат да бидат преслатки за горчината на кралот. Но еве го неговото лордсво. Како е господине? Да не помина полноќ?

Бертрам

Ноќеска завршив шеснаесет работи која секоја за себе бара месец дена работа. Или на кратко: се збогував со војводата, се поздравив со сите околу него, ја закопав жена ми, ја оплакав, ѝ пишав на мојата госпоѓа мајка дека се враќам, се погрижив за својата свита, а помеѓу овие главни работи, стигнав да задоволам и неколку поситни потреби; последната беше најголема, но таа уште не сум ја завршил.

Вториот Димен

Ако работата не е лесна, а утре сабајле заминувате, ќе треба да побрзате.

Бертрам

Сакам да кажам дека работата не е завршена затоа што се плашам дека ќе треба уште нешто да чујам за него. Но зарем нема да го слушнаме разговорот помеѓу онаа будала и војникот? Ајде, доведете го оној фалсификат од суштество кое ме мамеше како некој двосмислен пророк.

Вториот Димен

Доведете го!
(*Излегуваат неколкумина.*)
Цела ноќ ја помина во пранги, гад еден низаеден.

Бертрам

Не е важно. Неговите петици баш тоа си го бараа затоа што толку време бесправно носеа мамузи. Како се држи?

Вториот Димен

Веќе ви кажав; прангите го држат. Но да ви одговарам како што очекувате: плаче ко девојче што го истурило млекото. Му се исповеда на Морган за кого мисли дека е свештеник, од времето кога му започнува помнењето до оваа најнова негова катастрофа и паѓањето во пранги. И што мислите дека кажа?

Бертрам

Ништо за мене, не?

Вториот Димен

Исповедта му е запишана и ќе се прочита пред него. Ако вашето лордсво е во неа, како што мислам дека е, ќе мора да имате трпение да ја ислушате до крај.
(*Влегува Парол со врзани очи и толкувачот.*)

Бертрам

Чума да го сотре! Закукулен и со заврзани очи! Нема тој што да каже за мене!

Првиот Димен

(*На страна на Бертрам*) Тивко, тивко.

Вториот Димен

(*На страна на Бертрам*) Доаѓа закукуленият. (*Гласно*) *Porto tartarosa.*

Толкувачот

(*На Парол*) Наредува мачење. Што ќе кажете без тоа?

Парол

Ќе кажам сé што знам без присилба. Ако ме сплескате ко питулица не ќе можам ништо да гукнам.

Толкувачот

Bosko himurho.

Вториот Димен

Boblibindo hikurmurko.

Толкувачот

Вие сте милозлив генерал. Нашиот генерал бара да одговорите на прашањата што ќе ви ги поставам од прашалникот.

Парол

Вистината ќе ви ја кажам жими надежта во спас.

Толкувачот

(*Чита*) 'Прво прашајте го колкава е коњицата на војводата.' Што велите на ова?

Парол

Пет или шест илјади ама многу слаба и неупотрблива. Трупите се раштркани а командатите се кукавици и багабонти жими стекнатиот углед и доверба и жими надежта дека ќе живеам.

Толкувачот

Дали вака да запишам?

Парол

Баш така запишете. Ќе се заколнам ако треба и пред бога кога и како сакате.

Првиот Димен

(*На страна*) Нему му е сеедно.

Бертрам

Гад еден безбожен!

Првиот Димен

Се лажете, господине. Ова е мусје Парол, храбриот војник – тоа се негови зборови – којшто ја имаше цела теорија на војувањето во малото прсте, а праксата во балчакот на својот меч.

Вториот Димен

Никогаш повеќе нема да имам доверба во некого само затоа што го светнал мечот или дека ја собрал мудроста на светот само затоа што алиштата му се чисти и уредни.

Толкувачот

(*На Парол*) Ете, ова го внесов во записникот.

Парол

'Пет или шест илјади коњи' реков – сакам вистината да ја кажам – или тука некаде, запишете – сакам вистината да ја кажам.

Првиот Димен

(*На страна*) Тука навистина е близу до вистината.

Бертрам

(*На страна*) Само што не сум му благодарен на природата на неговиот исказ.

Парол

'Кукавици и багабонти,' речете ве молам.

Толкувачот

Тоа е веќе внесено.

Парол

Понизно ви благодарам, господине. Вистина си е вистина. Кукавици и багабонти недокваканi, чудо едно!

Толкувачот

(*Чита*) Прашајте го колкава им е пешадијата.' Што велите на ова?

Парол

Жими господ, господине, ако треба ќе умрам ама вистината ќе ја кажам. Да видиме, Спурио сто и педесет; Себастијан исто толку; Корамбо исто толку; Жак исто толку; Гилтијан, Козмо и Гратил по двестепедесет секој; мојата чета, Китофер, Вомон, Бенцио по двесте педесет. Така што списокот на регрути, болни и здрави, не достига, жими очиве, ни петнаесет илјади души, од кои половината не смее ни снегот од шинелите да си го истресе за да не се распаднат.

Бертрам

(*На страна*) Што да се прави со него?

Првиот Димен

(*На страна*) Ништо освен да му се заблагодариме. (*На толкувачот*)

Толкувачот

И ова е запишано. (*Чита*) ‘Прашајте го дали во логорот нивни е некојси капетан Димен, Французин; како се котира кај војводата; колку е храбар, чесен и колку се разбира во воената вештина; и што мисли дали е можно со добра сума злато истиов да се поткупи и да се натера на бунт.’ Што ќе кажете на ова? Што знаете за ова?

Парол

Ве молам да одговорам поединечно на секое од поставените прашања. Едно по едно.

Толкувачот

Дали го познавате овој капетан Димен?

Парол

Го познавам. Беше чирак кај еден фушар од каде со камшик го истераа затоа што напумпал една малоумница – некаква глувонема девица која не можела да му каже не.

Бертрам

(*На страна на Првиот Димен*) Немојте ве молам, дозволете, воздржете се! И така првата тула што ќе падне од покривиот ќе му го смачка черепот.

Толкувачот

Дали капетанов е во логорот на војводата од Фиренца?

Парол

Е, колку што знам, вошкар еден вошкосан.

Првиот Димен

(*На страна*) Не гледајте ме така, ви се молам. И вашето господство ќе дојде на ред.

Толкувачот

Во какви односи е со војводата?

Парол

Војводата го знае само како мое ситно офицерче, ситно душиче. Баш пред некој ден ми пиша да го протерам од четата. Мислам дека писмото ми е тука в џеб.

Толкувачот

Фино, ќе пребараме.

Парол

Да бидам искрен, не сум сигурен. Или ми е в џеб или пак во фасциклата в шатор заедно со другите писма на војводата.

Толкувачот

Овде е; еве некаква хартија. Да ви ја прочитам?

Парол

Не знам дали е баш тоа.

Бертрам

(*На страна*) Добро си ја врши работата нашиот толкувач.

Првиот Димен

Одлично.

Толкувачот

(*Го чита писмото*) Дијана, грофот е шутрак полн злато.'

Парол

Тоа не е писмото од војводата, господине. Ова е предупредување до една фина девојка од Фиренца, една Дијана, да се варди од навалувањата на еден гроф Русион, едно приглупо пилиштарче кое не знае што да прави со себе, ама сепак гори од похота. Ве молам господине, вратете го кајшто го најдовте.

Толкувачот

Не, првин ќе го прочитам, ако ми дозволите.

Парол

Тука знаете, имав многу чесна намера во полза на девојката, зашто знаев дека младиот гроф е опасно и блудно тиќе, вистински кит за девствеността којшто голта сé што ќе му дојде до уста.

Бертрам

(*На страна*) Расипано едно копиле, превртливо и подло.

Толкувачот

(*Чита*) 'Штом пред тебе клекне, злато барај, пари земи
оти ако сврши за свршеното тој не плаќа
добро пазари, однапред мисли, не дреми,
зашто долгот отпосле тој не го враќа.
И слушни го војникот, Дијана, кој вака вели:
со мажи а не со деца постелата се дели
и да грофнам вака, грофот е шутрак што само зема
наплати му затоа веднаш, за него вересија нема.
Твојот на твоето уво заколнат
Парол.'

Бертрам

(*На страна*) Има да биде камшикуван низ цела војска и тоа со стиховиве на чело.

Вториот Димен

(*На страна*) Ова е вашиот верен пријател, господине, познавачот на многу јазици и универзален војник.

Бертрам

Единствено што ептен не сум можел да го поднесам во животот била мачката, а сега тој е за мене мачка.

Толкувачот

Гледам, господине, по изгледот на генералот, дека со уживање ќе ве обесиме.

Парол

Само животот, господине, барем оставете ми го! Не дека се плашам да умрам, туку дека гревовите ми се толку многубројни што би сакал да ги откупувам во преостанатиот дел од животот. Оставете ме во живот, господине, па макар бил во зандана, во пранги, каде било само да сум жив.

Толкувачот

Ќе видиме што може да се стори, ако навистина сé чесно признаете. Затоа повторно да

се вратиме на оној капетан Димен. Кажавте како стои кај војводата и колку е храбар. А колку е чесен?

Парол

Ќе ви украде, господине, јајце од манастир. За арамилок и бесчестија кентаурот Нес не му е рамен. На бога му е заколнат дека нема да држи заклетви; тука е подобар дури и од самиот Херкул. Кога лаже, господине, лаже толку отракано и лесно што вистината ќе ви изгледа како најголема глупост; најголема доблест му е пијанството оти ќе ви се напие како свиња но штом заспие не чини никому којзнае каков зијан освен на постелата под себе; но тие што се околу него знаат колку е часот па го фрлаат да дрочи в сено. Друго и немам што да додадам на неговата чесност. Тој има сé што еден чесен човек не треба да го има; а сé што чесниот треба да го има, тој воопшто го нема.

Првиот Димен

(*На страна*) Почнувам да го сакам заради ова.

Бертрам

(*На страна*) За описот на вашата чесност? Чума да го удри! За мене сé повеќе личи на мачка!

Толкувачот

Што велите за неговите воени способности?

Парол

Вистина е, господине, дека има удирано на барабан пред англиските комедијанти. Понатаму нема да го фалам зашто друго ништо не знам за неговата војничка кариера освен дека имал чест да биде некакво ситно офицерче на еден плоштад кајшто ги учел гуштерите на строев марш. Би сакал на човекот да му оддадам чест и признание ама, за жал, за тоа немам никакви докази.

Првиот Димен

(*На страна*) Толку го надапаши апашлукот што исклучителноста го откупува.

Бертрам

(*На страна*) Море чума да го сотре! Мачка си е мачка!

Толкувачот

Бидејќи квалитетите му се толку скудни, не е ни потребно да ве прашувам дали може да се поткупи со злато.

Парол

Дајте му, господине, пет парички и тој ќе ви го продаде правото за спас на неговата душа, па дури и правата на своите наследници на него, ќе го поништи дури и на учесниците во тоа право, секое право на побарување и тоа за сите времиња и за сите наследници.

Толкувачот

А што ќе кажете за неговиот брат, другиот капетан Димен?

Вториот Димен

(*На страна*) Зошто го прашува за мене?

Толкувачот

Каков е тој?

Парол

Страчка од истото гнездо. Можеби не толку голем во доброто како првиот, но секако поголем многу во злото. Поголем кукавица е од брат му, а брат му го бие глас на најголем жив кукавица на светот. Кога се бега, никој не може да го стигне; кога се напаѓа, постојано го мачат грчеви.

Толкувачот

Ако ви го поштедиме животот дали ќе ја предадете Фиренца?

Парол

Секако, а и командатот на коњицата, грофот Русион.

Толкувачот

Ќе поразговарам тивко со генералот па ќе видиме што ќе рече.

Парол

Повеќе не ми треба барабан. Чума да ги сотре сите барабани на светот. Само за, навидум, да си придобијам заслуги и да ги залажам претпоставките на она блудно пилиштарче, грофот, влетав во ваква опасност. Кој можеше да претпостави дека ќе ме вчопат во заседа?

Толкувачот

Ви нема спас, господине, мора да умрете. Генералот вели дека толку предавнички ги откривте тајните на вашата војска и толку ниско ги наклеветивте луѓето што насекаде ги бие добар глас, што никој жив не може да има чесна корист од она што го кажавте. Затоа мора да умрете. Пријдете џелату. Отсечете му ја главата!

Парол

О, господе боже, господине! Оставете ме во живот или дозволете ми смртта да си ја видам!

Толкувачот

Тоа можете и уште да се збогувате од сите свои пријатели.
(*Му ги одврзува очите на Парол.*)
Погледајте наоколу. Познавате некого овде?

Бертрам

Добро утро, благороден капетане.

Вториот Димен

Бог нека ве благослови, капетане Парол.

Првиот Димен

Бог нека ве спаси, благороден капетане.

Вториот Димен

Капетане, што му порачувате на благородниот Лафе? Тргнувам за Франција.

Првиот Димен

Добар капетане, ќе ми дадете ли копија од сонетот што го напишавте за Дијана во полза на грофот Русион? Да не сум вистинска кукавица, би ви ја зел на сила. Збогум!
(*Излегуваат сите освен Парол и толкувачот.*)

Толкувачот

Готови сте, капетане, ви остана уште марамата.

Парол

Кој не би бил готов пред ваков еден заговор?

Толкувачот

Кога би можеле да пронајдете некоја земја во која живеат уште само жени толку бесрамни како вас, би можеле да станете прататко на некоја нова нација на бесрамници. Збогум, господине. И јас одам за Франција. Таму ќе видиме што ќе стане со вас.
(*Си оди.*)

Парол

Сепак сум благодарен. Да имав големо срце сега би ми пукнало. Капетан повеќе нема да

бидам,
но ќе јадам, ќе пијам и ќе спијам ко секој
капетан. Едноставно ќе живеам од она
што навистина сум. На тој што за себе знае
дека е фалбаџија, нему страв нека му иде
зашто на крајот, фалбаџијата магаре ќе
биде.
'Рѓосувај сабјо! Бледнеј црвенило! Куќарка
мала
во срамот Парол ќе најде! Ме насамарија!
Бев будала
од будалаштилок ќе живеам сега. Останал
ли некој
на земјава без покрив над глава?
Одам по нив.
(*Излегува.*)

Сцена 4

(Влегуваат Хелена, вдовицата и Дијана.)

Хелена

За да видите јасно дека не ве излажав
еден од најголемите во светот рисјански
ќе ми биде гарант; пред чиј престол потребно е
пред намерите да ги исполнам, да клекнам.
Во свое време, услуга една му направив
нему,
голема речиси ко неговиот живот, а за неа
благодарноста би морала и низ камен sид од
гради
татарски да се пробие. Сигурно разбрав дека
во Марсеј е неговата милост, а за таму
имаме соодветна свита. За светот знајте
дека сум мртва. Војската се распушти па сега
маж ми бргу ита дома кајшто, со божја
помош
и со дозвола на мојот добар господар, кралот
ќе стигнеме неочекувано ние.

Вдовицата

Госпоѓо добра,
не сте имале слугинка со поголема верба
во работата ваша.

Хелена

Нити госпоѓо вие
пријателка чии мисли поискрено се трудат
љубовта да ви ја возвратат. Верувајте дека
само бог
можеше да среди на ќерка ви мираз да ѝ
створам,
а нејзе да ја избери за мој помошник во напорите
мажот да си го придобијам. Но чуден е светот машки!
Штом може полза слатка да извлече од тоа
што го мрази,
кога дрската верба во заблудените мисли
ноќта црна ја валка; така страста се наслади
со она што го мрази, место со она што не е

тука.
Но за ова повеќе кога ќе дојде време. Вие Дијана
по моите упатства скудни ќе морате уште
да истрпите заради мене.

Дијана

Нека смртта и честа
со вашите налози одат, сепак со вас ќе бидам
да претрпам сé што ќе наредите.

Хелена

Сепак, само молам. –
Со зборот ваш времето да донесе и лето
кога со трњето, ружите ќе имаат и лисје
па нема само да дупат туку и ќе мирисаат.
На пат сега,
колата нé чека, а времето пребрзо ни бега.
Секое зло за арно; сепак крајот делото го краси,
со арно тој го покрива она што претходно го гнаси.
(*Излегуваат.*)

Сцена 5

(Влегуваат Лаваш, грофицата и Лафе.)

Лафе

Не, не, не, вашиот син беше турнат на странпатица од еден свилен неранимајко чиј подмолен шафран можеше да го обои во негова боја сите недостасани и недоиспечени млади луѓе од земјава. Снаа ви и сега би била жива, а син ви овде, дома, унапреден од кралот а не од оној црвеногаз бумбар за кој ви говорев.

Грофицата

Камо да не го ни видев. Тоа ја отера во смрт најдоблесната девојка која природата за своја фалба ја создала. Дури да излезеше од мое месо и да ме чинеше најдлабоки мајчински офкања, не би ја сакал со посилна љубов.

Лафе

Беше госпоѓица на место; беше госпоѓица на место. Море салати ќе треба да исплевиме, пред да најдеме на уште еден таков емиш.

Лаваш

Навистина, господине, беше најмилата марулка меѓу салатите или, уште подобро, крин за мирисање.

Лафе

Криновите не се емиш, море тиквар, тие се цвеќиња.

Лаваш

Јас не сум, господине, великиот Навуходоносор па да бидам цвеќе за мирисање.

Лафе

А што си, жити мајка, подлец или будала?

Лаваш

Кога служам на жени, господине, будала а кога служам на мажи, подлец.

Лафе

А која е разликата?

Лаваш

На мажот ќе му ги замачкам очите во поглед на неговата жена, а потоа ќе ја вршам неговата работа.

Лафе

Тогаш навистина би биле подлец во негова служба.

Лаваш

А на жена му, господине, би ѝ ја дал мојата палка за да ѝ служи.

Лафе

Потпишувам за тебе дека си и подлец и будала.

Лаваш

Тоа само во ваша служба.

Лафе

Не, не, не.

Лаваш

Па, господине ако не можам вам да ви служам би можел да му служам на кнез исто така голем како вас.

Лафе

Кој е тој? Некој Французин?

Лаваш

Да ви кажам право, господине, има повеќе англиско име ама физиономијата му е некако позажарена во Франција отколку таму.

Лафе

За кој кнез говориш?

Лаваш

За кнезот на темницата, господине, Црниот Кнез, алијас ѓаволот.

Лафе

На, еве ти го ќесето. Не ти го давам за да се тргнеш од својот господар; продолжи да го служиш.

Лаваш

Јас сум господине, чедо на шумата, кое отсекогаш сакало голем оган а господарот за кого ви говорам секогаш одржува голем оган. Но бидејќи тој е кнез на светот, нека неговите велможи живеат на неговиот двор; јас сум за куќаре со тесно порте, кое мислам дека е претесно за низ него да се провне раскошот. Некој што ќе се понижи може, но најмногубројни се оние смрзнатите и млитавите, а тие се за цветната патека што води низ широките порти во големиот оган.

Лафе

А сега да те нема. Малку си ми дојден до нос а ова однапред ти го велам оти не сакам после да се караме. Да те нема. Гледај коњите добро да ми ги чуваат, само без мангуплуци и подметнувања.

Лаваш

Ако нешто им подметнам, господине, тогаш тоа ќе бидат кобили, а тие според природниот закон, беспоговорно им припаѓаат.

(*Излегува.*)

Лафе

Подлец еден префриган и непоправлив.

Графицата

Баш така. Покојниот мој маж многу го сакаше; заради негова чест остана овде, па мисли дека сега може да прави што сака; навистина не знае за мерка и честопати е ко незаузден коњ; пасе кај ќе му текне.

Лафе

Мене ми се допаѓа, не е на господ белјата. А баш сакав да ви кажам откако слушнав за смртта на добрата млада господарка и за враќањето на син ви дома, дека го поттикнав кралот, мојот господар, да каже некој збор во прилог на ќерка ми; а тој предлог, уште кога двајцата беа малолетни, самото величество, без никој ништо да му каже, го даде. Неговото величевство ми вети дека ќе помогне; а нема подобар начин да се спречи злата волја што тој ја има против син ви. Како ви се допаѓа сето ова?

Графицата

Многу сум задоволна, господине и би сакала среќно да се заврши.

Лафе

Неговото величество доаѓа право од Марсеј со крепко тело ко повторно да има триесет. Овде пристига утре ако добро ми кажа известувачот којшто за вакви работи речиси никогаш не греши.

Графицата

Многу се радувам што уште еднаш ќе го видам пред да умрам. Известена сум дека син ми пристига вечерва. Го молам вашето господство да остане со мене додека тие не се сретнат овде.

Лафе

Госпоѓо, баш размислував како пристојно да го издејствувам тоа.

Графицата

Доволно е да се користите со привилегијата на вашето име.

Лафе

Госпоѓо, досега толкупати сум ја искористил што не бев сигурен дека сé уште важи.
(*Влегува Лаваш.*)

Лаваш

О госпоѓо, пристигна мојот господар, вашиот син, со сомотен завој на лицето. Дали под него има рана од сабја или нешто друго, тоа само сомотот го знае; но сомотниот завој е доста големичок. Левиот образ му е за цели три четврти набабрен, а десниот му е чист.

Лафе

Лузна благородно добиена, или благородна лузна, е убава руба за честа. Таа, во секој случај, е таква.

Лаваш

Ама тоа ви е ќумуросано лице.

Лафе

(*На графицата*) Ве молам, да го пречекаме син ви. Одвај чекам да поразговарам со тој млад, благороден војник.

Лаваш

Всушност, ги има дванаесетина, со фини, меки шапки и многу љубезни пердувчиња кои се клањаат и кимаат со главите на секого по ред.
(*Излегуваат.*)

Чин ПЕТТИ

Сцена 1

(*Влегуваат Хелена, вдовицата и Дијана со двајца придружници.)*

Хелена

Овој тежок, исцрпувачки пат и дење и ноќе
сигурно ве измори до крај. Работите се такви;
но штом веќе ги споивте денот и ноќта
и нежните нозе ги изморивте во моја полза,
знајте долгот мој кај вас пушти таков корен
што ништо веќе не ќе го искорени.
(*Влегува еден велможа, соколар.*)
Во право време!
Човеков, ако сака, може помош да ми пружи
за кралот да ме чуе. Бог да ни е на помош господине.

Велможата

Нека, ни е, госпоѓо.

Хелена

Господине, сум ве видел во дворот на Франција.

Велможата

Сум бил неколкупати таму.

Хелена

Претпоставувам, господине, дека сé уште
ве бие добриот глас што секогаш ве красел,
па затоа, водена од тешката мака
која пристојноста ја пренебрегнува, сакам
вештината да ја употребите ваша, а за тоа
вечно ќе ви бидам благодарна.

Велможата

Што сакате да сторам?

Хелена

Да бидете љубезни
и да му ја доставите смернава молба на кралот
и да ми помогнете со влијанието големо ваше
да излезам пред него.

Велможата

Кралот не е овде.

Хелена

Не е овде, господине?

Велможата

Не е, навистина.
тргна уште сошти и тоа со итност несвојствена за него.

Вдовицата

Боже, ама се измачивме џабе!

Хелена

Сепак крајот делото го краси,
без оглед колку времето ни е ненаклонето
а средствата неприкладни. А каде тргнал, ве молам?

Велможата

Колку што сфатив, за Русион
кајшто одам и сам.

Хелена

Ве молам, господине,
бидејќи, се чини, пред мене ќе го видите кралот,
предајте го писмово во неговите благородни раце
а знам тоа нема да ви донесе никаков прекор,
туку награда заслужена за вашата мака.
Јас ќе дојдам по вас најбргу што можам
во зависност од допустот на нашите средства.

Велможата

(*Земајќи го писмото*) Ова за вас ќе го сторам.

Хелена

А за тоа, ќе видите, награда соодветна ви следи,
без оглед што ќе се случи. А ние мораме на коњи
повторно. Седлата, молам, одиме!
(*Излегуваат.*)

Сцена 2

(Влегуваат Лаваш и Парол со писмо.)

Парол

Мусје Лаваш, дајте му го писмово на господинот Лафе. Вие господине, подобро ме познававте порано, кога бев во поблиски односи со понови алишта; ама сега, господине, зацапан сум во калта на нејзиното величество, Фортуна, и малку посилно баздам на нејзината немилост.

Лаваш

Тогаш немилоста на Фортуна навистина смрди, корни ако реата ѝ е толку непријатна како што велиш. Од сега натаму нема да каснам ниедно рипче од тавчето на Фортуна. Те молам, фаќај магла.

Парол

Чекајте, не мора да го затнувате носот, господине, ви говорев метафорички.

Лаваш

Навистина, господине, ако метафората ви смрди ќе си го затнам носот, а би си го затнал и пред секоја друга човечка метафора. Те молам, врви.

Парол

Ве молам, господине, предајте го писмово.

Лаваш

Тргај ми се, господине. Зарем писмо од калта на Фортуна да му го дадам на еден господин? Но, еве го тој самиот иде.
(*Влегува Лафе.*)
Овде ни преде, господине, Фортуна, или поточно мачката на Фортуна, само што не мириса на мошус туку на мачка што паднала во гнасното мрестилиште на нејзината немилост и како што вели, целата се калосана

од глава до петици. Ве молам, господине, правете што сакате со овој шаран, зашто изгледа како беден, пропаднат, откачен, чукнат, расипан никаквец. Ја сожалувам неговата беда во утешните мои компараци и го препуштам на вашето лордсво.
(*Излегува.*)

Парол

Господару, јас сум ви човек кого Фортуна сурово го џарна.

Лафе

И што сакате сега јас да сторам? Предоцна е да ѝ ги потсечам ноктите. Каква подлост направивте кон Фортуна па ве џарнала кога знаеме дека таа е добра госпоѓа и не сака долго подлеците да збираат мед под нејзина закрила? Еве ви пет гроша. Нека судиите ве смират со Фортуна. Јас имам друга работа.

Парол

Ја молам вашата милост да ми чуе само еден збор.

Лафе.

Значи молите за уште еден грош. Еве ви го. Зборот задржете си го.

Парол

Името мое, добар господару, е Парол.

Лафе

Тогаш молите, значи, за повеќе од еден збор. Види, види! Дајте рака. Што е со вашиот барабан?

Парол

О, добар господару, вие бевте првиот што ме намирисавте и ме најдовте.

Лафе

Навистина? Ама јас бев и првиот што ме отру вашиот мирис па ве загубив.

Парол

Редно е господару, вие да ме вратите во некаква милост зашто вие и ме избркавте.

Лафе

Мавни ми се, гаду! Зарем во исто време сакаш да му служам и на бога и на ѓаволот? Првиот те пикна во милост, вториот те истера.
(*Се слушаат труби.*)
Доаѓа кралот; познавам по трубите. Момче, распрашајте се уште за мене. Сношти говорев за вас. Иако сте будала и никаквец, сепак треба да јадете. Дојдете по мене.

Парол

Господ да ве благослови.
(*Излегуваат.*)

Сцена 3

(*Труби. Влегуваат кралот, грофицата, Лафе и придружници.)*

Кралот

Со нејзе загубивме бесценет камен, па и
нашата вредност
сега е многу помала; ама вашиот син
залуден во глупоста, немаше чувство
вистински да ја вреднува.

Грофицата

Тоа е минато, господару,
па го молам вашето величество да го смета
тоа
за природен бунт сторен во младешка лудост
кога жарта и огнот, пресилни за незрел
разум,
го совладуваат и го горат.

Кралот

Госпоѓо чесна,
сé сум заборавил и сум простил,
иако одмаздата моја беше надвиснала гневно
врз него чекајќи да го сотре.

Лафе

Морам да кажам –
Но првин простете ми – дека младиот господар
многу ги навреди кралот, мајка си и госпоѓата
своја иако најголемата навреда од сите
си ја нанесе самиот себеси. Загуби жена
чија убавина ги пленеше очите и на многу
поискусни зналци, чиј збор за секого магија
беше,
жена која со совршенството тераше госпоѓа
да ја вика
дури и оној кому му е ниско некому да
служи.

Кралот

Кога загубениот се фали
споменот на него станува уште помил. Нека
дојде.
Смирени сме и првата средба нека го збрише
минатото. Нека не ја бара нашата прошка.
Неговата крупна навреда е мртва
и подлабоко од заборавот ги закопуваме
моштите што на навреда мирисаат. Нека
прийде
како странец, а не ко престапник. И кажете
му
дека вака треба да постапи.

Велможата

Веднаш, величество.

Кралот

(*На Лафе*) Што кажа за ќерка ви? Зборувавте со него?

Лафе

Се покорува сосем на вашата волја.

Кралот

Тогаш ќе има свадба. Добив писма
во кои високо го фалат.
(*Влегува Бертрам и клекнува пред кралот.*)

Лафе

Добро му личи.

Кралот

(*На Бертрам*) Јас не сум ден на сезона една,
зашто од мене и град бие и сонце грее
во исто време. Но пред најсветлите зраци
облаците тмурни сега се повлекуваат. Затоа
прийди. Времето повторно е убаво.

Бертрам

Нека гревовите мои,

за кои безмерно се кајам, кралот ми ги прости.

Кралот

Сé е добро.
Повеќе ни збор нека нема за минатото време.
Тука сега да го зграпчиме мигот за перчин, зашто сме стари, а до нашите најбрзи одлуки нечујните и бесшумни стапки на времето итро
ќе се прикрадат и ќе ги спречат. Ја помните добро
ќерката на велможава?

Бертрам

Да, господару, со восхит. Првин на нејзе изборот мој падна пред со срцето да се дрзнам
за предрзок гласник да го назначам својот јазик;
во кое, со таа слика втисната во погледот, со двогледот на презирот, позајмен од горделивоста моја,
искривено гледав на секоја убавина друга, убавата боја ја кудев, за украдена ја сметав, сета симетричност ја стеснував, ја тегнев дури не станеше опдвратна и грда. Оттука и дојде
таа што сите ја фалеа а која и самиот сега откако ја загубив, ја засакав, во моите очи да биде прав што видот го навредува.

Кралот

Добро оправдување.
Што ја сакаш, до некаде ти го смалува долгот
кон неа. Но љубовта што доаѓа доцна,
ко покајничко помилување донесено по смртта,
во горчлива навреда за испраќачот се претвора
која до небо вика: ‘Добра една душа ја снема.’
Грешките наши цената ја спуштаат на она наше
на кое цената му ја дознаваме дури по смртта.
Честопати кога пријателот го голтне гневот во нас, лавот,
покајнички потоа лелекаме по него, го жалиме правот.
Љубовта ни се буди и за плачење бара рамо дури омразата спие во лулката на срамот.
Ова нека се камбани за милата Хелена и бог нека ја прости.
а сега дарови свршенички на Модлин нека некој ѝ носи.
Сите меродавни согласност дадоа. Што друго да сторам
освен да ја почекам и видам вашата жена втора.

Грофицата

И повеќе среќа со неа да има, или
земи ме на небо, те молам, боже мили!

Лафе

(*На Бертрам*) Ајде синко, ти којшто името на домот мој
треба во себе да го споиш, дар подари еден што во духот на ќерка ми силно ќе болсне за таа побргу да дојде.
(*Бертрам му дава прстен на Лафе.*)
Жими брадава бела
и секое влакно во неа, Хелена која е мртва беше суштество мило. Прстен како овој,
на прстот нејзин видов кога на дворот
од неа за последен пат се простив.

Бертрам

Не беше нејзин.

Кралот

Ве молам да го видам; зашто мојот поглед додека разговаравме, често во него беше вперен.
(*Лафе му го дава прстенот.*)
Прстенов беше мој, а кога на Хелена ѝ го дадов,
ја замолив, ако некогаш на мака се најде

и помош ѝ треба, дека токму на знаков
ќе ѝ помогнам. Ја имавте ли таа моќ она
да ѝ го земете кое толку многу ѝ значеше?

Бертрам

Господару великодушен,
иако вие сметате дека е така, овој прстен
никогаш не бил нејзин.

Грофицата

Сине, се колнам,
сум ја видел како го носи, а за нејзе вреден
беше колку и животот.

Лафе

Сигурен сум дека сум ја видел
да го носи.

Бертрам

Се лажете, господине, таа никогаш не го
виде.
Во Фиренца од прозорец ми беше фрлен
завиткан во хартија на која името беше
на таа што го фрли. Благородна беше таа
и мислеше дека не сум свршен. Но кога ѝ
кажав
каква ми е ситуацијата, и ѝ објаснив сѐ до
деталь
дека не можам да ѝ вратам на тој чесен
начин
каков од своја страна навести, таа со тешко
срце
работата ја пресече иако прстенот во никој
случај
не сакаше назад да го прими.

Кралот

Ни на самиот Плутон
којшто ги знае тајните на рудите и меша-
њето нивно
не му е попознат прстенов одошто ми е мене.
беше мој, беше на Хелена без оглед кој ви
го даде.
Па, ако сѐ уште мислите дека владеете со
себе,
признајте дека бил нејзин, и на кој насилен
начин
од нејзе сте го зеле. Се заколна таа во сите
светци
дека никогаш нема да го извади од прстот
освен ако вам не ви го даде во постелата
брачна
во која вие никогаш не сте биле, или мене да
ми го прати
во ихтиза голема.

Бертрам

Таа никогаш не го виде.

Кралот

Ко честа што си ја сакам, велам, ти лажеш,
и сомничави стравувања во мене будиш
кои сакам радо да ги спречам. Ако излезе
дека до толку си нечовек – ама нема да е
така.
Сепак не знам. Ти нејзе ја мразеше смртно,
а таа е мртва, во кое ништо освен самиот
очите да ѝ ги склопев не би ме натерало да
поверувам
повеќе од прстенов што го гледам. – Водете
го веднаш.
Моите претходни проверки, без оглед како
сѐ ќе се сврши,
стравувањата ќе ми ги прекорат што пре-
малку биле празни
зашто и премалку сум стравувал за џабе.
Водете го веднаш.
Ќе продолжиме со испитувањето.

Бертрам

Ако докажете
дека прстенов бил нејзин, тогаш многу лесно
ќе докажете дека со неа во Фиренца спиев
кајшто таа никогаш не била.
(*Излегува под стража.)*
(Влегува Велможата, соколар со писмо.)

Кралот

Обземен сум од црни мисли.

Велможата

Господару велик,
не знам дали прекор заслужувам или не.
Донесов молба од една Фирентичанка
која едно четири или пет конака е назад
па не можеше сама да ја донесе. Се нафатив на ова
освоен од убавината дивна и зборот
на кутрата молителка, која, ко што ми кажа,
овде ја очекуваат. По лицето ѝ видов
дека работава е многу важна, а уште ми кажа
со мили, кратки зборови, дека и на вас таа
се однесува колку и на неа.

Кралот

(*Го чита писмото*) 'По многубројните свечени ветувања дека ќе се ожени со мене
по смртта на неговата жена, се црвенеам
да кажам, тој спиеше со мене. Сега грофот
Русион е вдовец и дојде време да ги исполни
своите заклетви што мене ми ги даде, а платено му е со мојата чест. Тој побегна од
Фиренца, без да се збогува, а јас тргнав по
него во неговата земја барајќи правда. Дајте
ми ја, о кралу! Таа е во вашите раце! Инаку
на заведувачот ќе му цветаат ружи, а една
сирота девојка ќе биде уништена.
Дијана Капилет

Лафе

Ќе си купам зет на панаѓур а овој со камбани
ќе го прогласам за мртов. Не ми треба овој.

Кралот

Господ бог доброто ти го
мислел, Лафе,
за ова на видело да излезе. – Најдете ги
молителиве.
Побрзајте и вратете го грофот назад.
(*Излегуваат повеќемина.*)
Се плашам дека животот, госпоѓо, на Хелена
на гаден начин бил грабнат.
(*Влегува Бертрам под стража.*)

Графицата

Тогаш правда
извршителите нека ги стигне!

Кралот

(*На Бертрам*) Бидејќи жените се монструми за вас,
па штом им се заколнете на брак, бегате од нив,
ме чуди, господине, што сé уште сакате
да се венчате.
(*Влегуваат Вдовицата и Дијана.*)
Која е оваа жена?

Дијана

Јас сум, господару, сирота една Фирентичанка
која потекнува од древното колено на Капилет.
Молбата моја, како што гледам, веќе ја знаете
па затоа јасно ви е колку некој треба да ме жали.

Вдовицата

(*На кралот*)
Јас ѝ сум мајка, господару, чии чест и возраст
многу се погодени од поднесената тужба,
па обете ќе свршат ако лек не најдете вие.

Кралот

Пријдете, грофе. Ги знаете овие жени?

Бертрам

Господару, не можам и не сакам да речам
дека не ги познавам. Со што ме товарат мене?

Дијана

Што гледате толку чудно врз вашата жена?

Бертрам

(*На кралот*) Не ми е жена, господару.

Дијана

Ако се ожените
оваа рака ја давате, а раката е моја;
заклетвите свети ги давате, а тие се мои;
ме давате мене, а јас сум исто така своја,
зашто со заклетва дел од телото ваше станав
па таа што со вас ќе се мажи, ме мажи и мене
или со двајцата или со ниеден.

Лафе

(*На Бертрам*) Гласот ваш е прекус за ќерка ми; вие не сте маж за неа.

Бертрам

(*На кралот*) Господару, зацапана очајница е таа,
со која понекогаш се забавував. Нека висоста ваша,
поблагородни котка мисли за честа моја
зашто јас никогаш не би ја турнал толку ниско.

Кралот

Господине, мислите мои, не сметајте ги до вас блиски
зашто нив треба со дела да ги освоите. Честа ваша
нека излезе подобра од мислите мои за неа.

Дијана

Господару добар,
нека се заколне дека невиноста моја
тој не ми ја одзеде.

Кралот

Што велиш на ова?

Бертрам

Бесрамница е, господару,
беше обична забавувачка во нашиот логор.

Дијана

(*На кралот*) Ме навредува, господару. Да бев таква
можеше да ме купи по вообичаена цена.
Не верувајте му. О видете го овој прстен,
на чиј висок углед и раскошна вредност
ретко кој друг му е рамен; можно ли е тој сепак
на една обична забавувачка на сиот логор
да ѝ го дал?

Грофицата

Тој црвенее што значи не му е лесно.
Шест генерации од нашите претци тој накит
во наследство го оставале со тестамент на својот
потомок за да го носи ко негов стопан. Оваа му е жена.
Прстенов е најдобар доказ.

Кралот

(*На Дијана*) Рековте, ми се чини,
дека видовте некого овде што може да биде сведок.

Дијана

Видов, господару, но мразам со оружје толку
‘рѓосано да се послужам. Се вика Парол.

Лафе

Го видов денеска човекот, ако тој воопшто е човек.

Кралот

Најдете го и доведете го овде.
(*Некој излегува.*)

Бертрам

Што ќе ви е тој?
Сите знаат дека попрефриган расипник од него
извалкан и премачкан со сета кал на светот, нема.
Па тој паѓа болен кога треба вистината да ја каже.
Зарем да бидам ова или она што тој гад ќе го рече
а ќе рече сé што сакате?

Кралот

Таа вашиот прстен го има.

Бертрам

Мислам дека го има. Ми се допадна, велам, и во младешки занес, од раскалашеност, по неа
збеснав. На растојание ме држеше и ме ловеше
доведувајќи ја да лудило мојата страст со воздржаноста
своја ко што секоја пречка во текот на страста
на таа страст поттик ѝ дава; и на крајот итрината нејзина бескрајна и убавината болна
ме заведоа цената да ја платам. Го доби тој прстен
а јас она што и некој понизок од мене по цена
пазарна можеше да го добие.

Дијана

Трпелива мора да бидам;
вие што ја отфрливте својата прва, толку благородна жена
со право од мене се срамите. Сепак ве молам – бидејќи од доблест сте лишени од маж и јас ќе се лишам –
испратете некого по прстенот ваш, јас дома ќе го вратам,
а назад мојот вратете ми го.

Бертрам

Го немам.

Кралот

(*На Дијана*) Каков прстен беше вашиот, ве молам?

Дијана

Господару, многу сличен на оној што го носите вие.

Кралот

Го знете прстенов? До пред малку беше негов.

Дијана

Токму тој в постела му го дадов.

Кралот

Значи лажно ни кажа дека му бил фрлен низ прозорец?

Дијана

Вистината ја кажав.
(*Влегува Парол.*)

Бертрам

(*На кралот*) Господару, признавам дека прстенот беше нејзин.

Кралот

Се сепнувате итро; секое перо ве ежи. –
Ова ли е човекот за кого говоревте?

Дијана

Да, господару.

Кралот

Кажете, братко, ама ви наредувам, кажете ми право,
без страв дека ќе го навлечете од господарот гневот,
зашто, ако во излагањето бидете точни, јас ќе го сотрам –
што знаете за него и за оваа мома?

Парол

Дозволете ми величество, господарот мој беше многу чесен велможа. Си имаше свои мушички какви што обично си имаат велможите.

Кралот

Добро, добро, држете се до темата. Ја сакаше ли неа?

Парол

Ја сакаше, господару, ама како?

Кралот

Па како, ви се молам?

Парол

Ја сакаше господару, како џентлемен што сака жена.

Кралот

А како е тоа?

Парол

Ја сакаше господару и не ја сакаше.

Кралот

Како што ти и си и не си разбојник. Ама си ти некакво маткало!

Парол

Јас сум сиромав човек, господару и на заповед на вашето величество.

Лафе

(*На кралот*) Тој е добар барабанџија, господару ама лош говорник.

Дијана

(*На Парол*) Дали знаете дека ми ветуваше брак?

Парол

Знам госпоѓице дури и повеќе од што ќе кажам.

Кралот

Зарем нема да го кажеш сé она што го знаеш?

Парол

Сé ќе кажам, ако тоа ви е по волја. Јас им бев посредник, како што реков; а што е поважно тој нејзе ја сакаше, оти навистина полуде по неа и зборуваше за Сатана, за рајот на будалите, за фуриите и за што уште не. Но во тоа време јас ја уживав нивната целосна доверба, па знам дека спиеја еден со друг, а и уште многу друго, како на пример дека ќе вети брак и други работи за кои, ако зборувам ќе си навлечам гнев и зло; затоа нема да кажувам што знам.

Кралот

Веќе истресе сé, освен што не рече дека се венчани. Само ти си многу префриган во сведочењето, затоа тргни се.
Прстенов рековте дека е ваш.

Дијана

Да, господару мој добар.

Кралот

Каде го купивте? Или кој ви го даде?

Дијана

Ни некој ми го даде, нити го купив.

Кралот

Кој ви го позајми?

Дијана

Не ми беше ни позајмен.

Кралот

Каде тогаш го најдовте?

Дијана

Не го ни најдов.

Кралот

Ако не станал ваш на еден од овие начини
како сте можеле да му го дадете нему?

Дијана

Никогаш не сум му го дала.

Лафе

(*На кралот*) Девојкава е, господару, некаква
услужна ракавица; де се навлекува, де се
вади, како ќе ѝ се присака.

Кралот

(*На Дијана*) Прстенов беше
мој. Јас на првата негова жена ѝ го дадов.

Дијана

Можеби е ваш, можеби нејзин, не знам јас
ништо.

Кралот

Одведете ја, повеќе не ми се допаѓа таа.
В затвор со неа. А тргнете го и него.
Ако не ми кажеш од каде ти е прстенот
има веднаш да умреш.

Дијана

Нема никогаш да ви кажам.

Кралот

Водете ја.

Дијана

Некој ќе гарантира за мене, кралу.

Кралот

Сега навистина мислам дека си обична
пачавра
што се фрцка со секого.

Дијана

Колку со вас што сум била
толку со други мажи сум била,
Јупитер ми е сведок!

Кралот

Зошто тогаш цело време него го обви-
нуваш?

Дијана

Бидејќи е виновен а и виновен не е.
Знае дека девојка не сум, и готов е да се
заколне во тоа;
но се колнам дека сум девојка а тој тоа не
го знае.
Кралу голем, блудница не сум; устава ми
фати пена,
ако не сум девојка на старецов тогаш му сум
жена.

Кралот

Таа слухот ни го навредува. В затвор со неа.

Дијана

Мајко добра, доведете го гарантот.
(*Излегува вдовицата.*)
Почекајте, величество.
Златарот, стопанот на прстенот, бргу ќе дојде,
и за мене ќе гарантира. Овој пак, господин, овде,
којшто ме обесчести и тоа добро го знае,
иако лично не ми наштети, го ослободувам од гревот.
Постелата моја ја извалка, самиот знае,
но баш тогаш жената своја ја дарува со дете.
Иако мртва, дете таа чувствува во неа како плива.
Ова е гатанката; мртвата ете, сега е жива.
А сега решението погледајте го.
(*Влегуваат Хелена и Вдовицата.*)

Кралот

Зарем магионичар некој
видот ми го зеде па не гледам право?
Дали е вистина тоа што го гледам?

Хелена

Не, господару мој добар,
ова што го гледате е само сенка од една жена,
само име а не и предмет.

Бертрам

И двете, и двете, о, прости!

Хелена

О, добар господару мој, кога ко оваа бев мома
ве мислев чудесно нежни. Еве ви го вашиот прстен.
А, погледајте, еве го и вашето писмо. Вака вели:
'Кога од прстов ќе го симнете овој прстен
и од мене зачнете дете,' и така натаму. Тоа го сторив.
Ќе бидете ли мој сега кога двапати ве добив?

Бертрам

(*На кралот*) Ако, господару, загаткава ми ја објасни цела
до век ќе ја сакам мојата невеста бела.

Хелена

Ако испаднат противречни исказите мои
раскин доживотен меѓу нас нека стои. –
О, мајко мила, дали сте уште жива?

Лафе

Очите ми ги скокотка, мирис на кромид,
само што не заплакав. (*На Парол*) Позајми ми шамивче, барабанџио. Така, ти благодарам. Дојди ми дома кај мене. Сакам да истерам некоја шега со тебе. Само немој да ми правиш метании. Тие веднаш прават од тебе подлизурко.

Кралот

(*На Хелена*) Ајде во детали приказната да ја чуеме ние,
вистината цела низ задоволство да се развие;
(*На Дијана*) Ако ти си сé уште цвет од никого не збиран
одбери си маж а јас ќе ти дадам мираз.
Зашто гледам, со помошта чесна ти нé плена,
се зачува мома себеси, а нејзе жена.
Во слободно време, за сé да се учи,
ќе чуеме сé по ред како се случи.
Сега сé изгледа добро; и крајот е таков стварно
горчливото зло, ќе испадне послатко арно.
(*Труби.*)

Епилог

Кралот пак е просјак штом дојде на играва крајот

и моли од вас, на проштевање, дајте ни го рајот
искажувајќи задоволство, а ќе платиме ние со труд тежок за поубаво да се чувствувате вие.
Нека наше биде трпението ваше, а улогите наши ваши,
дајте ни ги благородните раце, ко што ви ги даваме
срцата наши.

Танце
за кукурику

Наслов на оригиналот:

Measure for Measure

ЛИЦА:

Винченцио, војводата од Виена
Анџело, негов ополномоштен заменик
Ескало, стар велможа и помошник на Анџело

Клаудио, млад велможа
Џулиет̄, свршеница на Клаудио
Изабела, сестра на Клаудио,

Лучио, ветрогон
Двајца слични на не̄го
Сап̄уно̄ш̄, приглуп господин
Гос̄по́а Аздисана, подведувачка
Пом̄ај, слуга на госпоѓа Аздисана

Темничар
Лак̄ш̄, припрост џандар
Судија
Мразач, џелат
Бернардин, робијаш

Маријана, свршеница на Анџело
Де̄т̄е, придружник на Маријана

Пе̄т̄ар, свештеник
Франческа, калуѓерка

Варај, велможа, пријател на војводата

Велможи, службеници, ӣраѓани, слуӣи.

Комедијата ***Тан̄те за кукуриг̃у*** првпат е играна на дворот на 26 декември 1604 година, а првпат печатена во фолио изданието од 1623 година. Како извор послужиле повеќе книжевни и историски дела. Основно меѓу нив секако дека е една приказна од Џиралди Чинтио (1565), подоцна драматизирана од Чинтио под насловот *Е̄пӣтӣиа* (1583) а преработена во драма со два чина од Џорџ Ветстоун како *Славна̄та исто̄рија на Промос и Касандра* (1578). Поновите критичари наоѓаат паралели, намерни, се разбира, помеѓу Шекспировиот портрет на војводата Винченцио и животот на кралот Џејмс Први.

Драмата се сосредоточува на сексот движејќи се од раскалашеноста на борделите до екстремната чесност на калуѓерството. Сексот не се користи ни за возбудување на публиката ни, во основа, за комични ефекти. Место тоа, служи за испитување на базата за воспоставување на здраво општество покажано низ односот помеѓу законот и моралноста и за искушување на човечкото поведение во услови на емоционален стрес. Поставените проблеми се сериозни, тонот, како и во другите комедии од периодот 1601-04, мрачен. Во тој поглед оваа е најмрачната од сите мрачни комедии на Шекспир. Сепак, делото е комедија во класична смисла на зборот. На крајот, секој од клучните ликови ја добива својата поука и научува дека умереноста, едно од значењата на 'мерка' во седумнаесеттиот век, е најдобриот курс за здравјето на општеството.

Структурно, ***Тан̄те за кукуриг̃у*** е мешавина од елементи: Трагедија во првиот дел со Анџело ставен на искушение којшто се појавува како потенцијално трагичен јунак и комедија на интриги во вториот. Острата поделба во структурата, махинациите на сéприсутниот војвода и користењето на 'трикот со креветот' на различни степени, со векови ги одвраќаше публиката и критичарите од ова дело. Современите критичари, кои ја подложија драмата на поблиско преиспитување, произведоа драстично поинакви толкувања. Некои ја гледаат како религиозна алегорија, некои како проблемска драма а некои дури како сатира.

Ова е прв превод на ***Тан̄те за кукуриг̃у*** на македонски јазик.

Чин ПРВИ

Сцена 1

(*Влегуваат војводата, Ескало, и други велможи.)*

Војводата

Ескало!

Ескало

Господару!

Војводата

На управувањето да ги образложувам својствата
би било како да се расфрлам со текст и говор
бидејќи добро знам дека знаењето ваше
во тој поглед ги надминува сите можни совети
што можам да ви ги дадам. Значи не останува
друго освен да ги здружите одличноста ваша
со способноста и да ги ставите во погон.
Нашите луѓе,
институциите на градот и прописите правни
за општо добро, ви се блиски и нема друг
никој кого умешноста и искуството
вака штедро го збогатиле.
(*Му предава налог.*)
Ова е нашиот налог,
од кој не сакаме да отстапите ни педа.
(*На еден велможа.*)
Викнете го овде,
велам викнете го Анџело да дојде.
(*Излегува еден велможа.*)
(*На Ескало*) Како, по ваше мислење, тој нас ќе нé игра?
Зашто ние, сакам да знаете, со посебна грижа
го избравме да нé заменува овде за време
на нашето отсуство; нашите страв и трепет нему
му ги позајмивме, во љубовта го облековме наша,
и намесник го направивме на сите органи
од нашата сопствена власт. Што мислите за ова?

Ескало

Ако некој во Виена ја има таа вредност
да биде ставен на толкава чест со толкава милост
тогаш тоа е господарот Анџело.
(*Влегува Анџело.*)

Војводата

Но еве го иде.

Анџело

Секогаш покорен на волјата на вашата милост
дојдов да чујам што заповедате.

Војводата

Анџело,
има нешто посебно во твојот живот
што на набљудувачот цела твоја повест
јасно му ја открива. Ни ти ни даровите твои
не се до толку твои за самиот себеси да се трошиш
во доблестите, а тие да се трошат во тебе.
Небото го бара од нас она што од факелите го бараме ние,
да не гориме само за нас; зашто ако доблес-

тите наши
не светат и за други, тогаш тоа е исто
ко да ги немаме. Благородноста допира до духот
само за благородни нешта; природата никогаш не зајми
ни трошка од своето совршенство дивно
а притоа, ко божица стегната, да не ја остави за себе
славата на заемодавецот што баботи од полза
но и од благодарност. Но сега му говорам на оној
што може да ме поучи во работата што му ја оставам.
Труди се да биде така, Анџело. За време на отсуството
наше, биди во сé олицетворение на она што сме ние.
Смртта и милоста во Виена нека ти цутат
и на јазик и в срце. Стариот Ескало,
иако прв доаѓаше предвид, помошник ќе ти биде.
Ова ти е полномоштвото.

Анџело

А сега господару мој добар,
нека добро се преиспита ковината моја
пред толку благороден и угледен лик
врз неа да се втисне.

Војводата

Повлекување нема.
Со голема внимателност и грижлив пребир
до вас дојдовме; затоа прифатете ја честа!
(*Анџело го зема оѓолномоштувањето.*)
Брзината со која треба да заминеме од овде
толку многу избива во прв план, што остава многу
крупни и важни прашања неразгледани. Ќе ви пишам
кога времето и околностите ќе ни дадат можност
како ни е и што правиме; вие пак трудете се
да ни јавувате што се случува овде. Збогум.
Се надевам добро ќе ја вршите вашата должност.

Анџело

Сепак, дозволете господару барем до негде
да ве испратиме.

Војводата

Брзањето мое тоа не ми го дозволува;
а не е неопходно, во моја чест, да се однесувате
со толкав обѕир. Вашата цел со мојата е иста,
спроведувајте го законот силум или милум
онака како што срцето ве учи. Дајте ми рака.
Ќе се искрадам сам. Ги сакам луѓето
но не сакам да им дефилирам пред очи.
Иако тоа годи, не се чувствувам баш најдобро
кога силно ми ракоплескаат и ме поздравуваат јавно;
ниту пак мислам дека на човек што умот му е в глава
тоа на душа му годи. Уште еднаш, збогум.

Анџело

Нека небото во целта ваша ве следи!

Ескало

Со среќа нека ве испрати, со среќа нека ве врати!

Војводата

Ви благодарам. Збогум.
(*Излегува.*)

Ескало

Ве молам, господару, дозвола да ми дадете
отворено со вас да позборувам; зашто сакам
својата позиција да ја согледам до дното.
Власт имам, ама колкава и каква
тоа никој не ми го кажал.

Анџело

Исто и мене. Затоа заедно да се повлечеме,

па можеме многу бргу, на взаемно задоволство,
таа работа да ја решиме.

Ескало

Ви стојам на услуга.
(*Излегуваат.*)

Сцена 2

(Влегуваат Лучио и двајца други велможи.)

Лучио

Ако војводата со другите војводи не најдат заеднички јазик со кралот на Унгарија,
тогаш сите војводи ќе го нападнат кралот.

Првиот велможа

Небото нека ни подари мир, само не мирот на унгарскиот крал!

Вториот велможа

Амин!

Лучио

Ти заклучуваш како оној побожен гусар што отишол на море со десетте божји заповеди, ама една истружил од таблицата.

Вториот велможа

‘Не кради’?

Лучио

Да, баш таа ја избришал.

Првиот велможа

Па таа заповед би им заповедала на капетанот и неговата посада да не ја завршат работата по која пошле: да крадат. Нема ниеден војник меѓу нас којшто којзнае колку ужива кога, во молитвите пред јадење, треба да се моли за мир.

Вториот велможа

Не сум чул никогаш дека некој војник имал многу против таква една молитва.

Лучио

Ти верувам, зашто мислам дека никогаш не си бил таму кајшто таква се читала.

Вториот велможа

Не сум бил? Најмалку дузина пати.

Првиот велможа

На каква? Во стих?

Лучио

Во сите должини, дебелини и ширини и тоа на сите јазици.

Првиот велможа

Или, би рекол, во сите религии.

Лучио

Па да, зошто да не? Божјата милост си е божја милост без оглед за која религија се работи; како на пример, ти самиот си еден расипан никаквец иако постојано му се молиш на бога ко нетокму.

Првиот велможа

Глупости! Ко да не знаеш дека нé раздвоиле само чифтот ножици што поминале меѓу нас!

Лучио

Да, да, сигурно! Ко што минале меѓу фирата и кадифето! Ти си фирата!

Првиот велможа

А ти кадифето. Доброто кадифе, она што се добива кога трипати ќе се потстриже. Ти гарантирам! Навистина повеќе би сакал да бидам фира од некој англиски штоф отколку да ме потстрижат ко тебе што те пострижиле за да станеш француско кадифе. Ти зборувам ли сега со чувства?

Лучио

Ми се чини дека ми зборуваш и тоа чувствително до болка. Врз основа на твојата лична исповед ќе научам да држам здравици во твое здравје, ама ќе пијам, додека сум жив, само после тебе.

Првиот велможа

Изгледа сам си го спопикав, не?

Вториот велможа

Си го спопика и тоа без оглед дали притоа си налепи нешто или само се насамари.
(*Влегува госпоѓа Аздисана*)

Лучио

Гледајте, гледајте, доаѓа госпоѓа Олеснение! Знаете дека бројот на болестите што сум ги купил под нејзиниот покрив се искачи на –

Вториот велможа

На колку, жити мајка?

Лучио

Погоди.

Вториот велможа

На три илјади малери годишно?

Првиот велможа

Три илјади и кусур.

Лучио

Кусурот е една француска круна.

Првиот велможа

Секогаш ми ги броиш болестите ама многу

грешиш - пукам од здравје!

Лучио

Пукаш ама не од здравост туку од шуплост – коските ти се шупливи, богохулието се гости во тебе!

Првиот велможа

(*На госпоѓа Аздисана*) Значи, кој колк најмногу ве клука?

Госпоѓа Аздисана

Не сега, ве молам. Ене онде го лишиле од слобода и го водат в затвор човекот што вреди колку пет илјади како вас.

Вториот велможа

Кој е тој, те молам?

Госпоѓа Аздисана

Клаудио, господине, господин Клаудио.

Првиот велможа

Клаудио в затвор? Не може да биде.

Госпоѓа Аздисана

Море бидува, како не. Видов кога го лишија од слобода, видов како го водат а што е најстрашно во рок од три дена ќе му ја сечат главата.

Лучио

Ама знаеш, по толку зафрканција, не можам да сфатам дека баш него го апсат. Дали си сигурна дека е така?

Госпоѓа Аздисана

Сигурна, посигурна не може да биде, а причината е што ѝ направил дете на госпоѓица Џулиета.

Лучио

Тогаш верувам дека е така. Ми вети да се најдеме пред два часа а тој секогаш си стоеше на зборот.

Вториот велможа

Освен тоа, како што знаете, таа работа не е така далеку од она за кое по тој повод сме говореле.

Првиот велможа

Но најмногу од сé, е во согласност со прокламацијата.

Лучио

Да одиме и да ја дознаеме вистината.
(*Излегуваат Лучио и двајцата велможи.*)

Госпоѓа Аздисана

Ете што ме снајде, нешто од војните, нешто од чумата, нешто од бесилката, нешто од сиромаштијата, ми се скусија муштериите.
(*Влегува Помпеј.*)
Што ти е, што има ново?

Помпеј

Не сте чуле за прокламацијата?

Госпоѓа Аздисана

Која прокламација, жити сé?

Помпеј

Сите куќи за забава во предградијата на Виена мора да се срамнат со земјата.

Госпоѓа Аздисана

А што ќе стане со тие во градот?

Помпеј

Тие остануваат за приплод. И тие ќе отидеа по петлите ама се нашол некој сетен граѓанин да ги спаси.

Госпоѓа Аздисана

Ама зарем баш сите наши куќи за забава во предградието да се срамнат со земјата?

Помпеј

Баш сите. И тоа до темел.

Госпоѓа Аздисана

Е, тоа е навистина нешто ново во државава. А што ќе стане со мене?

Помпеј

Не плашете се. Кој добро дошепнува, не останува без клиенти. И да го промените местото, не значи дека треба да го промените занаетот. Јас останувам кај вас како прислужник. Само храбро, ќе се сожалат над вас. Вие што очите ви истекоа од работа, вас ќе ве имаат во предвид.
(*Се слуша бучава од внатре.*)

Госпоѓа Аздисана

Томче, ако немаме друга работа, да фаќаме џаде!
(*Влегуваат Темничарот, Клаудио, Џулиета и судските службеници; Лучио и двајцата велможи.*)

Помпеј

Еве го господин Клаудио; темничарот го носи в затвор. А еве ја и госпоѓица Џулиета.
(*Излегуваат госпоѓа Аздисана и Помпеј.*)

Клаудио

(*На темничарот*) Зошто, брат, ме покажуваш вака на светот?
Носи ме в затвор кајшто ми е одредено.

Темничарот

Не го правам ова од злоба,
туку господарот Анџело стриктно вака заповеда.

Клаудио

Така може полубогот, власта,
за делото сторено да нé казни, според гревот,
По законот божји: ако те казнам, арно,
ако не те казнам, пак арно. Сепак си го барав.

Лучио

Што е Клаудио? Како стигна до затвор?

Клаудио

Од многу слобода, Лучио, од слобода.
ко што по пренаситеноста долг пост следи
така и по секоја слобода, кога се користи без усул,
следи затвор. Природата по нас трча
со жед порочна, ко стаорец што дрчно го лапа својот отров. Кој ја гасне, умира.

Лучио

Кога би можел толку мудро да зборувам
лишен од слобода, би пратил по некој од моите заемодавци. А сепак, рака на срце,
повеќе сакам да млатам празна слама на слобода одошто да држам лекции в затвор. За каков престап станува збор, Клаудио?

Лучио

Ако кажам би престапил по вторпат.

Лучио

Да не е убиство?

Клаудио

Не.

Лучио

Блуд?

Клаудио

Така некако.

Темничарот

Одиме господине; мора да одиме!

Клаудио

Еден збор само, пријателе добар!
(*Темничарот одобрува.*)
Збор со тебе, Лучио.

Лучио

Може и сто, ако се за твое добро.
(*Клаудио и Лучио зборуваат на страна.*)
Зарем блудот стана толку важен?

Клаудио

Вакви се работите со мене. Се свршив со Џулиета
и врз основа на тоа стигнав до нејзиниот кревет.
Ја знаеш дамата и знаеш дека ми е жена,
освен што на тоа не му дадовме облик
на јавна објава. Не го сторивме ова
само за да порасне нејзиниот мираз
што остана под клучот на нејзините роднини
пред кои љубовта наша ја зачувавме тајна
до денот кога ќе ги придобиеме. Но се случи
кражбата на нашите взаемни страсти
нечовечно да ја обележи Џулиета.

Лучио

Со дете или што?

Клаудио

За жал, со дете.
А пак сега, новиот намесник на војводата –
дали поради сјајот и неискуството на самата новост,
или поради тоа што мисли дека јавното тело
е коњ на кој гувернерот може да јава
па, нов во седлото, не знае вешто
да го води па со мамузите постојано го дупи,
или дали поради тоа што мисли дека со власта
и насилништвото оди, или дали одличноста со која
тој ја исполнува положбата своја виновна е за ова –
јас со сигурност не знам. Ама овој управувач нов
ги воскреснува сега сите закопани казни
кои, како за'рѓано оружје, висеа на ѕид
цели четиринаесет години без ниедна до сега
да се примени; па сега, за слава и име да си створи,
го применува на мене тој запоставен и мртов закон
јово на ново. Сигурно за да стекне име.

Лучио

Мора да е заради тоа; па главата сега толку
ти се клати на рамења што некоја млекарка,
ако е заљубена, може со воздишки да ти ја дувне. Испрати некого кај војводата и барај
кај него заштита.

Клаудио

Сторив така, ама него не можат да го најдат.
Те молам, Лучио, услуга направи ми мала.
Денеска, мислам, сестра ми в манастир ќе стапи
за таму да биде ракоположена.
Запознај ја со опасноста што над глава ми виси.
Во мое име моли ја пријателите да ги прати
кај намесникот строг. Ако треба нека оди и сама.
Имам надеж само во неа, нејзината младост
и без зборови красноречива е многу

па луѓето ги пленува; освен тоа, многу е вешта
на збор, разумна и знае да убеди.

Лучио

Дај боже да знае – колку за охрабрување на оние што се во слична ситуација и кои би се нашле во таква една грозна замка, толку и за тебе лично за да му се изнауживаш на животот за кој би ми било жал така глупаво да го загубиш во само една игра до цуф-муф. Одам кај неа.

Клаудио

Ви благодарам, пријателу мој добар, Лучио.

Лучио

Во рок од два часа.

Клаудио

Темничару ајде. Водете ме!
(*Излегуваат на една страна Лучио и двајцата велможи;на другата Клаудио, Јулиета, Темничарот и службениците.*)

Сцена 3

(Влегуваат војводата и свештеникот.)

Војводата

Не, оче свет. Отфрлете ја таа мисла.
Не верувајте дека лигавата љубовна стрела може да прободи искусни гради. Што барам од тебе
да ми дадеш тајно скровиште, цел има многу посериозна и потемелна од целта на бујната младост.

Свештеникот

Може, вашата милост, да ја каже?

Војводата

Господине свет, никој подобро од вас не знае колку повлечениот живот сум го сакал
и пет пари не сум давал да бидам во друштва кајшто младежот без дух и раскошот орото го водат.
Му ги предадов на господарот Анџело, човек на строгоста и воздржаноста врвна, апсолутната власт и местото мое во Виена; па тој сега мисли дека сум отпатувал за Полска
зашто таков пуштив глас меѓу сиот народ, па така тој и се прифати. Сега, господине божји,
ќе ме прашате зошто ова го сторив?

Свештенокот

Да, господару.

Војводата

Имаме закони строги и прописи многу цврсти
неопходно ѓубре за тврдокорниот плевел, кои четиринаесет години ги оставивме да чмаат
ко престарен лав в пештера што престанал веќе
да оди во лов. Па сега, ко родителите со

меко срце,
што брезовите прачки ги врзале за децата само
да ги плашат, а не за да ги употребат, па со време
децата на прачките им се потсмеваат место да им се плашат,
така и законите наши, бидејќи непримену-вани долго,
и самите умреле и веќе се мртви, па блудот и распојасеноста правдата за нос ја влечат.
бебето доилката ја тепа а пристојноста сосем
наопаку е превртена.

Свештеникот

Во рацете на вашата милост
беше да ја одврзете врзаната Правда кога ќе треба;
и многу поголем страв ќе им влеевте сами ова
да го спроведевте а не господарот Анџело.

Војводата

Страв над стравовите, се плашам.
Бидејќи народот збесна по моја вина
ќе беше тоа тиранија да удрам и да ги сечам за она на што самиот ги наведов; а ова се случи
кога злите дела поминуваа ко од шега
без никаква казна. Затоа, свет мој оче,
на Анџело му ја префрлив власта,
за да може, од заседата на моето име да удри дома, а јас, незамешан, од гласови лоши
да се спасам. А за работата под надзор
да му ја имам, сакам ко брат од вашиот ред
народот и кнезот да ги посетам. Затоа, те молам,
со мантија да ме снабдиш, и да ме подучиш брзо
како во светот најдобро да се однесувам
ко вистински монах. Ќе ви кажам и други причини, но не сега, заради кои ова го пра-вам.
Уште само ова: Господарот Анџело е тврд ко кале,
од злобата вешто се чува, одвај може да се
види
дека крв низ него тече или дека поалчен е од камен.
Но сега ќе се види, кога власта други носи думи,
каков е навистина оној што во мигов нас нé глуми.
(*Излегуваат.*)

Сцена 4

(Влегуваат Изабела и калуѓеркаѓа Франческа.)

Изабела

Зарем вие, калуѓерките, други привилегии
немате?

Франческа

Зарем сегашниве не се доволно големи?

Изабела

Токму така. Не говорам зашто поголеми
сакам,
туку затоа што уште построг ред барам
за сестрите посветени на света Клара.

Лучио

(*Од надвор*) Еј! Мир на местово!

Изабела

(*На Франческа*) Кој вика?

Франческа

Тоа е машки глас. Мила Изабела,
оди отвори му и види што сака.
Ти смееш, јас не смеам; ти не си заколната
уште,
штом заклетва дадеш, не смееш да зборуваш
со машки,
освен во присуство на игуманија,
а и тогаш, лицето покриено треба да ти биде
или, ако ти е откриено, мора да молчиш.
(*Лучио вика од надвор.*)
Повторно вика. Одговори му, те молам.
(*Се тргга на страна.*)

Изабела

Мир и секое добро. Кој вика?
(*Ја отвора вратата. Влегува Лучио.*)

Лучио

Девствените, ако вие сте тоа, а образиве
румени
токму тоа ми го велат. можете ли, ве молам,
да ме одведете пред очите на изабела,
новодојдена во местово и убава сестра
на несреќниот ѝ брат клаудио?

Изабела

Зошто несреќниот ѝ брат? Го прашувам ова,
зашто на знаење сакам да ви ставам
дека јас сум изабела, неговата сестра.

Лучио

Убавице мила, брат ви ве поздравува многу.
Но да не должам многу, тој е в затвор.

Изабела

Боже господе! А зошто?

Лучио

За она за кое, ако јас треба да му судам,
казната во благодарност треба да ја прими.
Со саканата своја зачна дете.

Изабела

Господине, шегата на страна.

Лучио

Вистина е. Иако во крвта ми е гревот
со девојките да терам шеги и јазикот да ми
лае
нескладно со срцето, сепак со вас еѓтен сум
искрен.
Ве сметам за суштество небесно и свето,
вознесено во вечноста со воздржување
строго,
со кое најискрено да говорам треба
ко со светец.

Изабела

Го хулите доброто, потсмевајќи ми се мене.

Лучио

Не е така. Кратко и јасно, работата е ваква.
Брат ви и саканата негова живееја заедно.
Но баш ко што хранетиот се дебели, ко што времето
на цутење по сеидбата голата ледина ја плоди
со богат род, така утробата нејзина плодна
неговиот труд и залог ги покажа.

Изабела

Дете со него? Да не е братучетка ми Џулиета?

Лучио

Таа ви е братучетка?

Изабела

По посестримство, со промена на името
ко ученичките што прават од чиста суета.

Лучио

Да, таа е.

Изабела

Па нека ја земе!

Лучио

Тука лежи зајакот.
Војводата многу чудно си замина од овде;
тој многу велможи, вклучувајќи ме и мене,
во акција нѐ турна; но дознаваме сега,
од оние кои добро ги знаат државните нишки,
дека најавуваното бескрајно далеку било
од неговите вистински намисли. На негово место,
со сите принадлежности што со власта
негова одат,
владее господарот Анџело, човек низ чии вени
лапавица тече место крв; човек кој нема чувство
за осило блудно или за чулен немир,
којшто природната острица своја убиствено ја тапи
со корисности од умот, студирањето и постот.
Тој сега, за да им влее страв на раскалашеноста и блудот,
кои долго му бегаа на страшниот закон
ко глушец на лав, исчепка некаков пропис
под чија острица, главата на вашиот брат
треба да падне. Го уапси заради гревот,
и настојува ригрозно според актот да се казни
ко пример за другите. Надеж веќе нема,
освен ако вие, со милоста божја и со кротка молба
срцето на Анџело не го смекнете. Тоа е она
што требаше да го завршам меѓу вас и сиротиот ви брат.

Изабела

Значи, животот негов го бара?

Лучио

Веќе го осуди и слушам,
темничарот веќе има налог да го погуби.

Изабела

Боже, а како можам јас тука да му се најдам?

Лучио

Испробајте ја моќта што ја имате.

Изабела

Каква моќ? Се сомневам дека воопшто ја имам.

Лучио

Сомнежот предавник е наш,
и нѐ тера доброто да го загубиме што
можело да биде наше
ако не сме се плашеле да се обидеме. Одете
кај Анџело,
и дајте му да види дека кога девојките молат
мажите ко богови даваат, а кога тие плачат
и клечат,
сите нивни молби се исполнуваат веднаш
ко од секогаш бараното и да било нивно.

Изабела

Ќе видам што можам да сторам.

Лучио

Ама побрзајте.

Изабела

Ќе почнам со ова веднаш.
само ми треба игуманијата да ја известам
за работава итна. Ви благодарам од срце.
Поздравете го брат ми. Уште вечерва ќе
знае
дали сум успеала.

Лучио

Заминувам веднаш.

Изабела

Збогум, господине добар.
(*Излегуваат на една страна Изабела и Франческа, на друга Лучио.*)

Чин ВТОРИ

Сцена 1

(*Влегуваат Анџело, Ескало, службеници и еден судија.*)

Анџело

Не смееме од законот страшило да правиме,
уредувајќи го птиците грабливки да ги плаши,
а да го држиме ист дури навикот не направи од него
сврaќалиште место да им влева страв.

Ескало

Да, но сепак,
да бидеме посмели па да го поткастриме малку
место да падне и да се смачка на мртво. господинот овој
што сакам да го спасам имаше благороден татко.
И нека вашата милост каже,
а вам ви верувам дека во доблеста сте многу строги,
дали и вие, под дејство на сопствените страсти,
кога времето би се погодило со местото,
местото со желбата,
или кога крвта ваша би зоврела ко в котел,
стигната најпосле до посакуваната цел,
дали и вие самите, во ваква ситуација жешка
не би згрешиле во истото она за кое сега
го осудувате навлекувајќи си го законот на глава?

Анџело

Една работа е искушението, Ескало,
а сосема друга згрешението. Не порекнувам
дека во поротата што на обвинетиот му суди
меѓу дванаесетте под заклетва може да седи
и по некој крадец
повиновен од оној кому му се суди. Законот не знае
дека крадци му судат на крадци. Она што пред судот
се открива, тоа правдата го сече. Не е лесно велам:
бисерот што го наоѓаме, запираме и го земаме,
затоа што сме го виделе, но она што не го гледаме
го газиме без осет и никогаш не мислиме на него.
не можете да ја смалите неговата вина
затоа што и јас исто сум грешел; подобро речете,
ако јас кој му судам во иста паднам грешка
пресудата и за мене нека биде смрт без милост,
па така сме фита – фит. Господине, мора да умре.

Ескало

Нека биде како што сака вашата мудрост.

Анџело

Каде е темничарот?
(*Влегува темничарот.*)

Темничарот

Тука сум, господару.

Анџело

Гледајте Клаудио

До утре во девет часот погубен да биде.
Нека се исповеда и подготвен нека биде.
Ова му е последниот аџилак.
(*Излегува темничарот.*)

Ескало

Небото нека му прости, нека ни прости на сите!
Едни гревот ги крева, на други доблеста им ги крати дните.
Едни во зла се даваат, бегаат и никому ништо, други за грев само еден, ги чека крвав пиштол.
(*Влегуваат Лакѓ, Сапуноѓ, Помпеј и службеници.*)

Лакт

Ајде, донесете ги овде. Ако ова се луѓе на место, а друга работа немаат освен да тераат бесови по јавните куќи, тогаш не знам што е закон. Донесете ги!

Анџело

Што е господине? Како се викате? Во што е проблемот?

Лакт

Ако ѝ е по волја на вашата милост, јас сум сирот џандар на војводата, а се викам Лакт. Се потпирам на правдата, господару; и приведувам овде пред вашата добра милост, двајца злогласни злоубители.

Анџело

Злоубители? Кое зло го убиваат? Да не се доброубители?

Лакт

Ако е по волја на вашата милост, не знам точно што се, ама сигурно се плукнати никаквеци, ви тврдам, без трошка еретичност што секој добар рисјанин на овој свет треба да ја има.

Ескало

(*На Анџело*) Добро кажано; еве ни најпосле еден умен џандар.

Анџело

Продолжи, кои се овие и што се? Лакт рече се викаш? Зошто не зборуваш Лакте?

Помпеј

Не може, господару. Се излакта!

Анџело

Што сте вие, господине?

Лакт

Тој, господару? Тој е келнер, макро што работи на парче. Работи кај една извикана жена чија куќа, господару, беше, како што велат, срамнета со земја во предградието; а сега држи некаков амам за кој мислам дека повторно е некакво место за гадотии и резил.

Ескало

Од каде знаете?

Лакт

Жена ми, господару, која ја резилам пред бога и пред вашата милост –

Ескало

Што? Вашата жена?

Лакт

Да, господару, која, сполај му на господа, е чесна жена –

Ескало

Зарем заради тоа ја резилиш?

Лакт

Велам, господине, ќе ја резилам и ќе се резилам, ако оваа куќа не е жив ебарник, а и зијан за нејзе, зашто куќата е порочилиште едно долно.

Ескало

Од каде знаеш, џандару?

Лакт

Па, господине, од жена ми, која, бог да ја дадеше непохотна, можеше да ја обвинат за курвање, прељуба и сите други нечисти лајнарии.

Ескало

Со посредство на онаа жена?

Лакт

Да, господине, со посредство на госпоѓа Аздисана. Но таа му плукна в лице и му даде двојка.

Помпеј

(*На Ескало*) Господине, ако му е по волја на вашата милост, работите не стојат така.

Лакт

Докажи го ти ова пред овие мувации овде, чесен човеку, докажи го!

Ескало

(*На Анцело*) Слушате ли како обратно говори?

Помпеј

Господине, таа влезе кај нас со стомакот до гуша и побара – вашата милост нека ми прости – суви сливи. Ние, господине, имавме само две во целата куќа, кои во тоа кој-знае когашно време, стоеја во една пајнца, обична пајнца од пет пари, што се вели. Вашата милост има сигурно видени такви, не се порцелански туку обични, чингени, ама сепак вршат работа.

Ескало

Добро де, не запнувајте за пајнцата, продолжете, продолжете!

Помпеј

Не господине, ни малку; тука сосем сте во право. Значи, не одоколу туку право в ребра. Па како што реков, оваа госпоѓа Лакт, многу трудна бидејќи, со стомакот до уста, како што реков, умрена за суви сливи, а имавме, како што реков, само две во пајнцата оти мајсторов овде, Сапунот, ги потамани другите, како што реков, и, како што велам, чесно плаќајќи за нив, зашто, како што знаете, мајсторе Сапун, не можев да ви го вратам кусурот.

Сапунот

Така е, не можевте.

Помпеј

Ете гледате; а бидејќи вие тогаш, ако добро се сеќавате, ги кршевте коските од напред речените сливи –

Сапунот

Ги кршев, нема збор.

Помпеј

Па да, ете, гледате; па тогаш ви реков, ако добро се сеќавате, дека на онаа и на онаа им нема лек во врска со она, вие веќе знаете што, ако драстично не ги смали оброците, како што веќе ви реков –

Сапунот

Така е, баш така беше.

Помпеј

Значи, ете гледате –

Ескало

Ама сте здодевна будала. Кажете го главното. Што ѝ сторивте на жената од Лакт па тој сега се жали? Веднаш сакам одговор и да свршам со ова.

Помпеј

Господине, вашата милост не може тукутака да сврши.

Ескало

Не, господине, не ни мислев.

Помпеј

Ама, господине, ќе свршите, со ваша дозвола. А јас ве молам, погледнете го овој мајстор Сапун, овде, господине; човек кој влече осумдесет фунти годишно а татко му умре на Дуовден- на Дуовден умре, не, мајсторе Сапун?

Сапунот

Вечерта спроти Дуовден.

Помпеј

Е па да, поарно здравје. Овде, гледам се говори само вистина. Тој, господине, седеше на едно ниско столче, господине, во 'Кај гроздот' кајшто вие уживавте да седите, не?

Сапунот

Уживав навистина затоа што таму е отворено за секого и погодно за зима.

Помпеј

Ете, гледате, овде само вистина се зборува.

Анџело

Ќе трае ова колку една ноќ во Русија
кога ноќите се најдолги. (*На Ескало*) Заминувам сега,
а работава цела до крај разгледајте ја вие
и најдете начин да си го добијат сите.

Ескало

Се надевам дека така ќе биде. Многу успех утре.
(*Излегува Анџело.*)
Сега продолжете, господине, уште еднаш ве прашувам што стана со жената на Лакт?

Помпеј

Еднаш, господине? Ништо нејзе не ѝ се направи еднаш.

Лакт

Ве молам, господине, прашајте го човеков што ѝ направи на жена ми.

Помпеј

Ја молам вашата висост, да ме праша.

Ескало

Добро, господине, што ѝ направи господинов?

Помпеј

Ве молам, господине, погледајте му ја фацата на човеков. Добар господине Сапун, гледајте во неговата милост. Со причина ова го велам. Дали вашата милост добро го погледна?

Ескало

Да, господине, многу добро.

Помпеј

Не, ве молам, погледајте го уште еднаш.

Ескало

Добро, го гледам.

Помпеј

Дали вашата милост гледа некакво зло на неговиот сурат?

Ескало

Не баш.

Помпеј

На евангелието би се заколнал дека токму лицето е најлошото нешто кај него. Значи, ако лицето е најлошото нешто кај него, како можел тогаш мајстор Сапун да нанесе некакво зло на жената од овој џандар? Тоа би сакал вашата милост да ми го каже.

Ескало

Во право е џандару, што велите вие на ова?

Лакт

Како прво, ако ви е по волја, куќата е многу респектирана куќа; како второ, овој човек овде е многу респектиран и како трето, неговата газдарица многу респектирана жена.

Помпеј

Ракава да ми се исуши, господару, ако неговата жена не е најреспектирана персона од сите нас овде.

Лакт

Гаду, лажеш! Лажеш апашу еден расипан! Уште не дошло време кога нејзе ќе ја респектираат и мажи и жени и деца.

Помпеј

Господару таа се респектираше со него уште пред да се земат.

Ескало

Кој е попаметен овде, правдата или угурсузлукот? (*На Лакт*) Дали е ова вистина?

Лакт

(*На Помпеј*) О, расипнику, о апашу, о гаден Ханибале! Сум се респектирал со нејзе пред да се земеме? (*На Ескало*) Ако некогаш сум се респектирал со нејзе или таа со мене, нека вашата милост не ме смета за кутар џандар на војводата. (*На Помпеј*) Докажи го тоа, расипан канибале, или ќе те носам на суд за тепачка.

Ескало

А да ве свирнеше по увцето, можевте исто така да го тужите за клевета.

Лакт

Така е. Ви благодарам многу за ова, господару. Што сака вашата милост да направам со овој подол разбојник?

Ескало

Па, господине џандар, бидејќи има во себе разни лошотилаци што би можеле да ги откриете кога би можеле, пуштете го нека си го тера своето додека не сознаете во што се состојат тие негови лошотилаци.

Лакт

Е, баш ви благодарам за ова, господару.

Сега гледаш, апашу еден расипан, што те чека: има да си го тераш своето; да си го тераш, апашу, своето.

Ескало

(*На Сапун*) Каде сте родени, господине?

Сапунот

Овде во Виена, господине.

Ескало

Навистина влечете осумдесет фунти годишно?

Сапунот

Да, господине, ако ви е по волја.

Ескало

Значи така. (*На Помпеј*) Што сте по занает, господине?

Помпеј

Келнер, господине, келнер кај една сирота вдовица.

Ескало

Како ви се вика газдарицата?

Помпеј

Госпоѓа Аздисана.

Ескало

Колку мажи имала до сега?

Помпеј

Девет, господине – Последниот беше Аздисан.

Ескало

Девет? Дојдете овде, мајстор Сапуне. Мајстор Сапуне, би сакал да не се плеткате со келнери. Ќе ве келнеросаат, мајсторе Сапун, а вие ќе ги насапуните. Да ве нема од овде и повеќе да не слушнам за вас.

Сапунот

Ви благодарам, господару. Што се однесува до мене, никогаш не би стапнал в крчма, ама што да правам кога други ме влечкаат таму.

Ескало

Готово е, мајстор Сапуне. Збогум.
(*Излегува Сапуноѓ.*)
А сега вие, мајсторе келнер. Како се викате мајсторе келнер?

Помпеј

Помпеј.

Ескало

Само толку?

Помпеј

Газло, господине. Помпеј Газло.

Ескало

Одлично, господине, зашто газот и е најголемото кај вас. Така, во животинска смисла, вие сте Помпеј Велики. Помпеј, хонорарно вие сте и макро Помпеј, без оглед колку тоа да го мачкате со некакво келнерство, не? Ајде, признајте, половина може ќе ви се прости.

Помпеј

Искрено, господине, јас сум сиромашен човек што мора да живее од нешто.

Ескало

Мора да живеете од нешто, не? Да бидете макро? Што мислите за тој занает, Помпеј? Дали е законски?

Помпеј

Ако законот го дозволува, господине, да.

Ескало

Ама законот не го дозволува, Помпеј; нити некогаш ќе го дозволи во Виена.

Помпеј

Дали вашата милост мисли сета младина во Виена да ја скопи и исчисти?

Ескало

Не, Помпеј.

Помпеј

Искрено, господине, според моето штуро мислење, ќе продолжи тоа да го тера. Ако вашата милост ги среди ороспиите и чапкуните, тогаш нема зошто да се плаши од макроата.

Ескало

Се средува веќе и тоа на големо. Само што глави се сечат и се беси.

Помпеј

Ако ги бесите и колите сите оние што вака грешат едно десет години по ред, тогаш ќе го фалите бога ако можете да издадете уште некој налог. Ако законов се применува десет години во Виена, ќе ја издавам јас најубавата куќа во Виена за неполн грош по ноќ.
Ако доживеете да го видите ова исполнето, речете само дека тоа Помпеј ви го кажал.

Ескало

Ви благодарам, Помпеј, а за возврат на вашето пророштво, слушнете ме. Молете се да не ве донесе ѓаволот повторно пред мене за каква годе оптужба па дури ни за онаа куќа во која сега се маткате, оти, ако ве донесе, има да ве тепам и гонам сé до вашиот шатор па ќе си го видите правиот Цезар во мене. Или просто речено, Помпеј, ќе наредам да ве камшикуваат. Така, а за овој пат, Помпеј, збогум.

Помпеј

Се заблагодарувам на вашата милост за добриот совет, (*На страна*) ама ќе го следам според ујот на месото и мојата среќа.
Да ме камшикуваат? Не, кочиџијата нека удира со камшик по коњот што не слуша; но занаетот на храбрите, со камшик не се вади од душа!
(*Излегува.*)

Ескало

А сега вие, мајсторе Лакт; пријдете, мајсторе џандар. Колку време сте џандар?

Лакт

Седум и пол години, господине.

Ескало

Мислев, според вештината во службата, дека сте подолго. Велите вкупно седум години.

Лакт

Седум и пол, господине.

Ескало

Тежок напор за вас, навистина. Ви прават неправда што постојано ве товарат со тоа. Зарем во вашиот кварт нема доволно луѓе погодни за оваа служба?

Лакт

Да ви кажам право, господине, многу малку има такви што трезвено ќе ја вршат ваквата служба. Кога ќе ги изберат, среќни се да ме изберат мене да ги заменам. Јас ова го правам за ситни пари а излегувам на крај со сѐ и сешто.

Ескало

Гледајте да ми ги донесете имињата на шестемина најспособни мажи од вашата парохија.

Лакт

Дома кај вас, господине?

Ескало

Да, дома кај мене. Збогум.
(*Излегуваат Лакт со службениците.*)
Колку е часот, што мислите?

Судијата

Единаесет, господине.

Ескало

Ве молам дојдете кај мене на ручек.

Судијата

Понизно ви се заблагодарувам.

Ескало

Жал ми е што ќе умре Клаудио
ама лек нема.

Судијата

Господарот Анџело е многу строг.

Ескало

Потребна ни е строгост.
Не е секогаш милост она што ни изгледа така.
Проштевањето секогаш котка друго зло.
Но сепак, кутриот Клаудио! Нема лек.
Да одиме, господине.
(*Излегуваат.*)

Сцена 2

(Влегуваат темничарот и еден слуга.)

Слугата

Го врши иследувањето; веднаш ќе дојде.
Ќе му кажам за вас.

Темничарот

Ве молам.
(*Излегува слугата.*)
Ќе видам
што решил; можеби омекнал. Боже,
ко на сон вината да ја сторил. Нема
жив маж од овој порок што не лижнал; а
само
тој треба да умре.
(*Влегува Анџело.*)

Анџело

Што е работата, темничару?

Темничарот

Дали навистина Клаудио ќе умре утре?

Анџело

Зарем не ти реков да? Зарем наредба
немаш?
Зошто прашуваш пак?

Темничарот

За да не се затрчам.
Ако грешам исправете ме, ама сум видел
по егзекуцијата како судот жали
за донесената одлука.

Анџело

Ајде; тоа оставете ми го мене.
Вршете си ја работата или дајте отказ
па така ќе бидете на мир со себе.

Темничарот

Нека ми прости вашата милост,
што да правиме со трудната Џулиета?
Само офка. Часот ѝ се ближи.

Анџело

Однесете ја веднаш
на некое посоодветно место и тоа брзо.
(*Влегува слугата.*)

Слугата

Овде е сетрата на осуденикот и бара
да ја примите.

Анџело

Има сестра?

Темничарот

Да, господару добар; многу доблесна мома,
која треба калуѓерка наскоро да стане
ако веќе не станала.

Анџело

Добро, пуштете ја внатре.
(*Излегува слугата.*)
Блудницата гледајте да ја преместите.
Дајте ѝ што е потребно, ама со мерка.
Ќе дадам наредба.
(*Влегуваат Лучио и Изабела.*)

Темничарот

Бог нека ве варди и чува.

Анџело

Останете уште малку. (*На Изабела*) Добродојдовте.
Што сакате?

Изабела

Болна молба до вашето господство имам.

Ја молам вашата милост да ме сослуша.

Анџело

Добро, што молите?

Изабела

Постои еден порок којшто од срце го мразам,
и посакувам под ударот на правдата да се најде
па не би молела за него да не морам
и не би молела навистина, да не се води војна во мене меѓу сакам и неќам.

Анџело

Убаво, што е работата?

Изабела

Брат ми е осуден да умре.
Ве молам, гревот осудете го негов
но не и брат ми.

Темничарот

(*На страна*) Бог нека ти даде сила да го плениш!

Анџело

Да го осудам чинот а не извршителот?
Но секој грев е осуден уште пред да се стори.
На што, замислете, мојата работа би се свела
ако ги казнувам гревовите што сторени се веќе
а извршителите ги ослободувам од вина?

Изабела

О, праведен ама суров закон! Брат ми тогаш повеќе го нема. Господ нека ви е на помош!

Лучио

(*На страна на Изабела*) Не откажувајте се толку лесно. Навалете,
молете,
клекнете пред него; за поли обесете му се.
Премногу сте ладни. Не молите за игла.
Со толку питом јазик нема да измолите ништо.
Навалете, велам!

Изабела

(*На Анџело*) Мора ли да умре?

Анџело

Девојко, нема помош.

Изабела

Има, а мислам дека вашата милост може да му прости
и ни небото, ни луѓето нема да плачат заради тоа.

Анџело

Тоа не сакам да го сторам.

Изабела

Но би можеле ако сакате?

Анџело

Што не сакам, тоа и не можам.

Изабела

Но можете без да му напакостите на светот.
Камо жалоста да ви ја пара вашата душа
ко мојата што се кине за него.

Анџело

Тој е осуден; предоцна е.

Лучио

(*На страна на Изабела*) Премногу сте ладни.

Изабела

Предоцна? Не е така; дури и зборот овој
може да се повлече. О, верувајте во ова,
ни помпата која со големците оди,
ни круната на кралот, ни од намесникот мечот,
ни жезлото на војводата, ни тогата на судијата,
ни половина не ги величат нити красат
ко што ги краси милоста.
Да беше тој на ваше место, а на негово вие,
и вие ќе потклекневте како него, но тој, на ваше место
не ќе беше толку строг.

Анџело

Ве молам, одете си!

Изабела

Камо бог да ми ја подари моќта ваша
а вие да сте Изабела! Дали сé вака би било?
Не; би ви открила тогаш што значи судија
да се биде, а што затвореник.

Лучио

(*На страна на Изабела*) Така, трогнете го;
тоа е правиот начин.

Анџело

Брат ви е отпишан од самиот закон
и бадијала зборовите си ги трошите.

Изабела

Леле боже!
Па сите некогашни души отпишани еднаш биле
но Тој што надмоќта знаел да ја користи умно
нашол лек. Што би било со вас, пример,
кога Тој што судија е над сите судии на светот
реши да ви суди за тоа што сте вакви? О, на ова
помислете и милост тогаш низ уста ќе ви шикне
и ќе бидете ко препороден.

Анџело

Смирете се, девојко лична.
Законот, а не јас, брат ви го осуди.
Дури да ми е роднина, роден брат или син,
за него нема милост. Мора да умре уште утре.

Изабела

Уште утре? Зарем толку бргу? Поштедете го! Милост!
Тој не е подготвен да умре. Дури и за в кујна
имањето го колиме кога му е време. Зарем
со помала грижа да му служиме на небото
одошто на валканите ни тела? О, помислете, добар,
добар господару, кој е тој што за ваков грев умрел?
Колкумина само го сториле.

Лучио

(*На страна*) Да, кажано на место.

Анџело

Законот не е мртов иако долго лежи заспан.
Овие многумина не би се дрзнале толку да грешат
доколку првиот што валканово го сторил дело
одговарал за чинот. Но сега тој е буден,
гледа што се случило и како пророк
во огледало гледа какви сé злодела нови
било сега зачнати или со простување обновени
во иднина ќе се котат и ќе се раѓаат безброј.
В корен треба тие да се сосечат за да ги снема
пред да заживеат.

Изабела

Сепак покажете малку сожалба.

Анџело

Најголема искажувам кога правдата ја вршам,
зашто милост изливам тогаш врз мнозина непознати
кои, престапот прогледан низ прсти, потоа би ги мачел,
а правда делам кога оној, виновен за некој злостор,
од живот го лишувам за повеќе зло да не прави.
Бидете задоволни. Брат ви ќе умре утре.

Изабела

Значи вие ќе сте првиот што изрекол ваква казна
а тој првиот што ќе ја плати. О, многу е добро
да имате снага на џин, но насилство е велам ко џин да ја користите.

Лучио

(*На страна*) Многу добро речено.

Изабела

Кога моќниците би грмеле
ко што грми самиот Јупитер, Јупитер би полудел во немир,
зашто секој мал, ситен чиновник
би го користел небото само за грмење, за грмење само.
О создателу милозлив,
порадо ти со острата сулфурна стрела
го расцепуваш дабот чаталест и глуждест
одошто мирта некоја питома. Но луѓето, гордите луѓе,
набапкани со кусовечна, ситна власт, незнајковци страшни
баш таму кајшто сезнајковци се мислат,
тие, со духот свој стаклест, ко мајмуни бесни
толку глупости изведуваат пред очите на бога
што на ангелите од тоа солзи им идат, и од смеа
би испукале да се злобни како нас.

Лучио

(*На страна на Изабела*) Не му давај да дише, моме! Готов е!
Само напред! Попушта, гледам.

Темничарот

(*На страна*) На бога му се молам да го победи!

Изабела

Не можеме ние со братот свој да се мериме.
Големците со светците тераат шеги; духовитост е тоа,
но богохулие, кога малите тоа го прават.

Лучио

(*На страна на Изабела*) Имаш право,
девојко. Само напред.

Изабела

Она што за командантот е само гневен збор,
за војникот е чисто светогрдие.

Лучио

(*На страна на Изабела*) Го знете и тоа? Продолжете.

Анџело

Зошто сето ова ми го велите?

Изабела

Затоа што власта, иако греши како и сите,
сепак некаков лек во себе има
што на порокот до врв нова кожа му навлекува.
Прашајте си го срцето; чукнете таму и видете дали знае
нешто налик на гревот од брат ми. Признае ли
грев од бога даден, ко неговиот што е престап,

тогаш никаква мисла врз јазик нека не ви падне
што брат ми од животот ќе го лиши.

Анџело

(*На страна*) Говори толку умно
што и умот мој во заседа паѓа. (*На Изабела*) Збогум.

Изабела

Господару добар, вратете се.

Анџело

Ќе размислам. Дојдете утре.

Изабела

Чујте како ќе ве поткупам; вратете се, господару.

Анџело

Што? Да ме поткупите?

Изабела

Да, со такви дарови што би биле и божји и ваши.

Лучио

(*На страна на Изабела*) Инаку сé би било расипано.

Изабела

Не со суетни пари од исковано злато
или со камења бесценети чија вредност де паѓа
де се крева во зависност од ујот на проценителот;
туку со молитви искрени што до небо ќе се кренат
пред зајдисонце, молитви од невините души,
од девиците што постат чии мисли посветени се само
на вечноста.

Анџело

Убаво, дојдете утре кај мене.

Лучио

(*На страна на Изабела*) Добро е: да одиме сега.

Изабела

Бог нека ве брани и чува.

Анџело

(*На страна*) Амин;
зашто вака тргнувам по патот на искушението
што со молитвите се судира.

Изабела

Во колку часот утре
да дојдам кај вашето господство?

Анџело

Кога сакате пред пладне.

Изабела

Бог нека ја чува вашата милост.

Анџело

(*На страна*) Од тебе; па дури и од твојата доблест.
(*Излегуваат Изабела, Лучио и Темничарот.*)
Што е ова? Што е ова? Нејзина грешка или моја?
Искушувачот или искушителот, кој греши повеќе, а?
Не таа; таа не ни искушува; туку тоа сум јас, којшто, легнат крај темјанушката на сонце, ко човечки леш а не ко цвеќе, се распаѓам од прекрасното време. Можно ли е неви-

носта
скромна позаводлива да биде од лесна жена?
Дали полни пустош, ни доаѓа желба
светилиштето да го урнеме, за таму
нашето зло да го внесеме? О, лудост, лудост,
што правиш, што си ти, Анџело?
Дали ја посакуваш на долен начин заради она
што доблесна ја прави? О, остави го брат ѝ в живот!
И крадците се овластени кражби да вршат
штом судиите и самите крадат. Што, зарем ја љубам
штом посакувам повторно мене да ми збори
и на очите да ѝ се насладувам? Да не бладам?
О душманине лукав, којшто, за да фатиш светец,
светци на јадица ставаш! Најопасно искушение
е она што постојано нѐ шилка да грешиме
љубејќи ја доблеста. Никогаш блудница не могла
со сета двојна моќ – умешноста и суштеството свое –
Вака да ме возбуди; туку оваа доблесна мома
ме покори сосем. Сѐ до денеска презир сеев
кон мажите заљубени, не ги сфаќав и им се смеев.
(*Излегува.*)

Сцена 3

(Влегуваат, од една страна Војводата преправен во монах а од другата страна Темничарот.)

Војводата

Господ на помош, Темничару! – Вие сте тој, не?

Темничарот

Јас сум. Што сакате, монаху добар?

Војводата

Повикан од сомилоста и духот на редот мој свет
дојдов да ги посетам грешните души
овде во затворов. Дајте ми го вообичаениот допуст
нив да ги видам за да ги узнаам добро
делата нивни грешни па според редот
соодветно да постапам.

Темничарот

Ќе сторам и повеќе од тоа ако треба.
(*Влегува Џулиета.*)
Еве, доаѓа баш сега, грешница една моја,
која, падната во канџите на сопствената младост
образот си го испришти. Дете таа носи,
а тој што го зачна, осуден е на смрт иако е човек
многу млад и попогоден за уште еден таков престап
одошто за истиот да умре.

Војводата

Кога треба да умре?

Темничарот

Мислам утре.
(*На Џулиета*) Сѐ подготвив за вас. Останете малку,

па други упатства ќе добиете.

Војводата

Дали се каете, убавице, за гревот сторен?

Џулиета

Се каам и срамот најтрпеливо го носам.

Војводата

Ќе ве подучам како совеста да си ја испитате,
и да дознаете дали се каете здраво или само божемски.

Џулиета

Со радост ќе учам.

Војводата

Дали го сакате човекот што ви згреши?

Џулиета

Да, ко што ја сакам жената што му згреши.

Војводата

Изгледа дека грешниот чин е дело заеднички извршено?

Џулиета

Заеднички.

Војводата

Тогаш гревот ваш е потежок од неговиот.

Џулиета

Го признавам оче и за него се каам.

Војводата

Така и треба, ќерко. Но само ако каењето ваше
произлегува од гревот што срам ви нанел,
а тука ние себеси се жалиме, не ова небо
и покажуваме дека од страв само обзир
кон небото имаме а не од вистинска љубов.

Џулиета

Се каам за чинот како за зло но, срамот
со радост го носам.

Војводата

Останете на тоа.
Вашиот другар, како што слушам, мора утре да умре,
па сега одам кај него совет да му дадам.
Божјата милост нека е со вас. *Бенедицитe!*

Џулиета

Мора да умре утре? О закон бездушен
што животот ми го продолжува со утеха бедна
од смртен ужас!

Темничарот

Жално за него.
(*Излегуваат.*)

Сцена 4

(Влегува Анџело.)

Анџело

Кога сакам да се молам и да мислам, мислам и се молам
на неколку страни: небото ми ги прима зборовите празни,
додека умот и духот, не слушајќи што говорам,
кај Изабела се закотвуваат; на усниве ми е господ,
но небаре таму само името му го џвакам,
зашто в срце незадржливо и моќно буи
мојот наум. Државата што ја проучував долго
сега ми се чини ко нешто читано често
што влева страв и станува здодевно. Господството мое,
кое, да не чуе никој, гордост беше моја,
би можел со ќар да го трампам за обичен пердув
што од бес ветерот го бие. О место високо, трону,
колкупати ти со рамката твоја, одеждата своја,
страв корнеш од будалите, а мудрите ги врзуваш души
за твојот чист привид! Крвта, крв си е. Да испишеме
'добар ангел' врз рогот од ѓаволот,
дали ќе стане ѓаволска круна?
(*Влегува Изабела.*)
Што е? Кој е таму?

Слугата

Некоја Изабела, калуѓерка, сака да ве види.

Анџело

Доведете ја.
(*Излегува слугата.*)
О боже,
што ми се собра така крвта в срце,
па се затна сета, а мускулите мои други останаа без неопходната живост?
Вака игра глупавата орда со некој паднат во несвест:
му притрчуваат на помош и воздухот му го пригушуваат
кој му е потребен да се освести – а исто прават
и поданиците верни на некој многупочитуван монарх
кои, работата си ја оставаат, за со понизна љубов
пред него да клекнат, претворајќи ја така непромислена љубов во навреда.
(*Влегува Изабела.*)
Што има, убавице?

Изабела

Дојдов да ја слушнам вашата волја.

Анџело

(*На страна*) Да ја знаете многу повеќе би ми било по волја
одошто за неа да прашувате. (*На Изабела*) Брат ви
не може да остане во живот.

Изабела

Така нека биде. Бог нека ве брани и чува.

Анџело

Но некое време може да поживее, па дури колку и нас. Но сепак, на крајот, мора да умре.

Изабела

Вие на тоа го осудувате?

Анџело

Да.

Изабела

А кога, ви се молам? За во ова поместување на рокот,

подолго или покусо, да се подготви добро
и со мирна душа на небо да отиде.

Анџело

О, лудост, овие пороци валкани! Дали правично би било
да му се прости на оној којшто од природата веќе создадениот образ го украл ко што треба
да му се простат блудните страсти на оној што ликот божји го втиснува во забранети пари?
Да се истреби на срамен начин пристојно создадениот живот исто е толку лесно
ко, на недозволен начин, лажен живот
да се создава.

Изабела

Така е на небо, но не и на земја.

Анџело

Велите така? Еве, ќе видиме веднаш.
што би избрале вие: законот, правичен многу
животот на брат ви да го скрати, или, за спас негов,
телото свое да го предадете на сласта валкана
со која и таа, подавајќи ѝ се, се извалкала?

Изабела

Ве уверувам, господине,
дека порадо би го дала телото од душата.

Анџело

Не зборувам за вашата душа. Изнудените гревови
повеќе на куп се бројат, одошто на душа се носат.

Изабела

Што рековте?

Анџело

Не, не гарантирам, зашто и реченото, лесно можам да го побијам. Одговорете на ова.
Јас, во име на законот што сега е во сила,
му изрекувам на вашиот брат смртна казна.
Зарем не би говореле за грев од милост
ако се стори братот да се спаси?

Изабела

Ве молам сторете го тоа,
јас ќе го сфатам ко грев сторен на моја душа,
зашто тоа воопшто грев не е, туку милост.

Анџело

Ве молам сторете го тоа, примете го на душа,
штом исто кај вас тежат милоста и гревот.

Изабела

Тоа што за животот негов молам, ако е грев на душа нека го носам. А тоа што вие таа молба
ми ја исполнувате, ако е грев, секое утро ќе се молам
за да ми се допише на сите гревови мои,
вас сосем ослободувајќи ве.

Анџело

Не, слушнете ме.
Изгледа не ме разбирате. Или сте наивни или наивноста вешто ја глумите. Тоа не е добро.

Изабела

Нека сум и наивна, и нека сум добра за ништо
освен во она, боже, за кое знам дека не сум подобра.

Анџело

Вака мудроста сака во најсветли да се прикаже бои

кога сама се оцрнува; ко што низ црните маски
скриената убавина десетпати подобро болска
одошто кога е нескриена. Но слушнете ме.
За јасно да ме сфатите, ќе зборувам мошне грубо.
Брат ви ќе умре.

Изабела

Така.

Анџело

А неговиот престап, според нашиот закон,
токму вака се казнува.

Изабела

Така е.

Анџело

Да речеме, значи, дека нема друг начин да го спасите –
За ова не гарантирам, ни за нешто друго, велам
само како претпоставка – освен вие, неговата сестра,
гледајќи дека ве посакува таква една личност
која добро стои со судиите, или високо место држи,
па брат ви може од тешките да го извлече пранги
на многузнајниот закон, а дека друг начин земски
нема за неговиот спас освен богатството на тоа
тело ваше пред него да го распостелете за братот
да не страда – Што тогаш би направиле?

Изабела

Би сторила сé за брат ми јаден ко за мене што би сторила.
Односно, ако смртта над глава ми виси,
трагите од камшикот лут би ги носела ко накит
би се соблекла и в смрт би тргнала ко во мека
постела долго присакувана; ама телото свое никогаш на срам не би го изложила.

Анџело

Тогаш брат ви ќе мора да умре.

Изабела

Барем помалата цена ќе се плати.
Подобро братот само еднаш да умре
одошто сестрата, спасувајќи го него,
цел живот да умира.

Анџело

Зарем не би биле во тој случај сурови исто
ко пресудата на која ѝ се потсмевате?

Изабела

Бесрамниот откуп и проштевањето по своја волја
не се од иста сорта; законската милост
нема ништо заедничко со валканиот откуп.

Анџело

До пред малку законот го сметавте за тиран
а паѓањето на брат ви повеќе за шега
одошто за порок.

Изабела

О, простете ми, господару. Честопати се случува
за да го добиеме саканото, она што не го мислиме
да го говориме. Понекогаш и на омразеното низ прсти
му гледам во полза на некој кого го сакам.

Анџело

Сите сме слаби.

Изабела

Животот земете го на брат ми
ако нема другар и ако тој само
е слаб како тебе и патот твој го следи.

Анџело

Не; и жените се исто така слаби.

Изабела

Да, ко огледалата во кои си го гледаат ликот,
кои лесно се кршат ко лесно слики
што создаваат. Жени? Господе боже!
Мажите суштествата нивни ги расипуваат ќарејќи од нив. Не, десетпати наречете нé слаби
зашто ние сме нежни ко лицата што се наши,
и впечатокот лесно нé заведува.

Анџело

Јас исто мислам,
а бидејќи за полот сопствен сведочење вакво дадовте, а претпоставувам створени сме надмоќ
да немаме над гревовите кои можат да нé стресат,
дозволете ми да бидам дрзок. За збор ве фаќам.
Бидете она што сте, а тоа значи, бидете жена.
Ако сте нешто повеќе, не сте жена. Ако сте жена,
а по сé на вас се гледа дека сте, покажете ми сега
ставајќи го на себе рувото дадено од бога.

Изабела

Не знам да вртам во зборот. Господару мој добар,
ве молам говорете ко порано што говоревте.

Анџело

Слушнете отворено, ве сакам.

Изабела

Брат ми ја љубеше Џулиета
а вие ми велите дека за тоа треба да умре.

Анџело

Нема, Изабела, ако љубовта ми ја возвратите.

Изабела

Знам дека доблеста ваша повластена е во тоа,
која повалкана изгледа одошто е кога други искушувате.

Анџело

Верувај ми, жими честа,
зборовите го кажуваат она што го мислам.

Изабела

Ха, ситна чест што голема верба бара,
а насоката ѝ е ѓаволска! Привид! Привид!
Ќе те расклинкам Анџело; ќе видиш.
Или потпиши помилување за брат ми веднаш
или на цел глас викајќи ќе разгласам на светот
каков човек си ти.

Анџело

Кој ќе ти верува, Изабела?
Името мое чисто, строгоста на мојот живот,
сведочењето мое против вас и високото мое место
до толку ќе претежнат над обвинението ваше
што сопствената пријава ќе ве загуши и на клевета
ќе замириса. Веќе почнав па уздите сега
на страста зовриена ги препуштам. Покори се велам
на гладта моја похотна. Остави ја финоста, не румени
од непотребен срам, со кој се тера баш она

што со него
се бара. Спаси го брат ти препуштајќи ми го мене
твоето тело, инаку не само што сигурно ќе умре,
туку нељубезноста твоја ќе му ја продолжи смртта
со тешки, невидени маки. Одговори ми утре,
или, жими страста што сега ме држи и ме води,
ќе постапам ко тиран со него. Ти можеш своја
да си пееш песна: но со лага ќе ја победам вистината твоја.

Изабела

Кому да се жалам? Ако некаде го кажам ова,
кој ќе ми поверува? О, опасноносни усти,
што во себе го имате тој еден, ист јазик,
било за осуда било за признание,
кој правдата ја тера пред ќефот ваш да се клања,
и по ваша волја правдата и кривдата да ги лови,
со јадицата своја! Кај брат ми одам.
Иако падна од лесно зовривање на крвта,
сепак во себе има такво чувство за чесност
што дваесет глави за сечење да има
на дваесет грозни клади, сите би ги дал до една
пред да дозволи сестра му телото свое
со блуден пришт да го згнаси.
Па Изабело, живеј чесно, а брат ти на небо нека се качи;
повеќе од братот честа мене ми значи.
Ќе му кажам колку барањето на Анџело вреди,
за смрт ќе го подготвам, мир на душа да си обезбеди.
(*Излеѓува.*)

Чин ТРЕТИ

Сцена 1

(*Влегуваат Војводата преправен како монах, Клаудио и Темничарот.*)

Војводата

Вие значи се надевате на помилување
од господарот Анџело?

Клаудио

За несреќните единствениот лек
е надежта.
Со надеж да живеам, подготвен сум да
умрам.

Војводата

Биди убеден дека ќе умреш. И животот и
смртта
тогаш помили ќе ти бидат. На животот, речи
му:
'Ако те загубам, губам нешто
што само будалите го чуваат. Ти си само
здив,
покорен на сите небесни лунки,
кајшто пребиваш, јад врз јад сееш.
За смртта ти си само обична шутка
што ѝ 'рмба бегајќи да се скрие
а постојано в прегрàт ѝ трча. Благороден не
си,
зашто сите принадлежности што ги даваш
задоени се со нискост. Ни случајно не си
храбар,
зашто се плашиш од мекиот, нежен јазик
на една бедна змија. Најдобриот одмор ти е
сонот,
и ти најчесто го бараш; а сепак најмногу од
смртта
се плашиш, која повеќе не е ништо. Ти не
си ти,
зашто постоиш врз илјадниците зрнца
зачнати од прав. Ти не си среќен,
оти тоа што го немаш, жолчно го бараш,
а тоа што го имаш, го забораваш. Не си
стамен,
зашто ујот го менуваш на чуден начин
со менувањето на месечината. Ако си богат,
сиромашен си, зашто ко некое магаре под
тежок товар
подведнато, ги носиш азната до крајот на
патот
а смртта само те растоварува. Пријател
ниеден немаш,
оти и утробата твоја, која 'господару' те
вика,
чист одливок на слабините твои,
ги колне настинката, костоболот и чирот
што побргу да те земат. Ти немаш ни
младост
ни старост, туку ко во некој попладневен сон
обете ги сонуваш; оти сета твоја благословена
младост ти минува во старечка треска, па
моли
милостина од дртата старост; а кога си стар
и богат
немаш ни страст, ни жар, ни крепкост, ни
убавина
во богатстава да уживаш. Што се крие во она
што го носи името 'живот'? Токму во тој
живот
лежат скриени илјадници смртти; а се
плашиме од смртта
која разликиве ги израмнува.

Клаудио

Понизно ви благодарам.
Сакајќи да живеам, смртта ја барам, мислам,

а барајќи ја смртта, живот наоѓам. Па нека дојде.

Изабела

(*Од надвор*) Еј, милост од бога, мир и добро друштво!

Темничарот

Кој е таму? Влези! Желбата заслужува добар дочек.

Војводата

(*На Клаудио*) Господине, за кусо пак ќе ве посетам.

Клаудио

Пресвет господине, ви благодарам.
(*Влегува Изабела.*)

Изабела

Само сакам да разменам збор-два со Клаудио.

Темничарот

Како порачано. Сестра ви е, господине, тука.

Војводата

Темничару, само збор со вас.

Темничарот

Ви стојам на располагање.
(*Војводата и темничарот се повлекуваат на страна.*)

Војводата

Сакам да ги чујам ама да не ме видат.
(*Обајцата се прикриваат.*)

Клаудио

Па, сестро, каква утеха ми носиш?

Изабела

Утеха ко утеха; секогаш е добра, многу добра.
Господарот Анџело, бидејќи има давање земање со небото, ве испраќа веднаш таму за да му бидете амбасадор вечен.
Затоа под итно подгответе се оти тргнувате утре.

Клаудио

Зарем нема лек?

Изабела

Нема никаков освен за главата да се спаси срцето да се распара.

Клаудио

Значи сепак има?

Изабела

Да брате, не морате да умрете.
Има во тој судија сотонска милост
ако полелекате, ќе останете в живот
но синџири ќе носите до смртта.

Клаудио

Темница вечна?

Изабела

Баш така, темница вечна; ропство,
па макар сиот светски простор
да ви е пребивалиште.

Клаудио

Од каков вид?

Изабела

Од таков што ако го прифатите
честа ќе ја соголите од стеблото ваше
и угул голи ќе останете.

Клаудио

Кажи за што станува збор.

Изабела

О, се плашам за тебе, Клаудио и се тресам
да не овој трескавичен живот го зграбиш
и повеќе за шест-седум зими да имаш почит
одошто за вечната чест. Смееш ли да
умреш?
Во претставата најмногу се чувствува
смртта,
па и кутрата бубачка, кога ќе ја згазиме,
од телесни се грчи маки од какви и џинот
се витка кога умира.

Клаудио

Зошто ме изложувате на срамов?
Мислите дека на нешто би се решил
отаде разумот и честа? Ако мора да умрам,
на темницата ко невеста в пресрет ќе ѝ пој-
дам
и со раце ќе ја прегрнам.

Изабела

Така брат ми говори; од гробот на татко
гласов дојде. Да, ти мора да умреш.
Но преблагороден си животот да го тераш
со ниски средства. Овој божемски светец
од намесник, којшто со збор избран и изглед
сталожен, го клука младежот в теме
и грешките ги дере ко јастребот пилци,
овој намесник е сотона. И кога сета гнаса
душевна би му се видела, би личел, велам,
на гнил бунар подлабок од адот.

Клаудио

Велможата Анџело?

Изабела

О, тоа е одежда лукава на адот
смислена да го скрие најсотонското тело
за да изгледа ко достоинственик. Замисли
Клаудио:
јас нему невиноста моја да му ја дадам
а тој да те ослободи!

Клаудио

О боже, зарем е можно?

Изабела

Можно е; потоа, по чинов гнасен, би те пуш-
тил
гревот ист и натаму да го правиш. Ноќва
треба да го сторам тоа што мразам да го
кажам
инаку утре ти си мртов.

Клаудио

Не прави го тоа.

Изабела

О, да беше во прашање само мојот живот,
ко игла би го фрлила мирно
за да ве ослободам.

Клаудио

Ти благодарам, мила Изабела.

Изабела

Подготвен биди, Клаудио, за смртта утре.

Клаудио

Добро. Но дали страста во него го шилна
шлаканица на законот да му влепи
и без усул да го прекрши? Тоа не е грев,
или ако е, од седумте смртни е најмал.

Изабела

Како најмал?

Клаудио

Да беше смртно страшен, тој, онака мудар,
зошто би се согласил да носи вечна казна

за краткотрајно задоволство? О, Изабела!

Изабела

Што сака брат ми?

Клаудио

Смртта е страшна работа.

Изабела

А срамниот живот одвратен.

Клаудио

Да, но да умреш и да заминеш којзнае каде;
да лежиш на ледени маки и да гниеш;
чувствителниов топол извор да ти стане
пифтиеста грутка, а духот здивен
да ти се бања во огнени води, или да рее
во растреперените предели на вечниот мраз;
да бидеш пленик на ветриштата невидливи
и дуван со жестока сила околу светот
тркалезен; или полош од најлошите да бидеш
кои, со лелек, низ главите вртат темни мисли
полни сомнеж - тоа е и премногу страшно!
Најтешкиот и најмачниот световен живот
што староста, ропството, сиромаштијата и болот
можат врз човекот да го свалат е рај
во споредба со она со кое нѐ плаши смртта.

Изабела

Боже! Боже!

Клаудио

Сестро мила, оставете ме во живот.
Гревот што ќе го сторите за да го спасите братот,
природата до толку ќе ви го прости
што тој доблест ќе стане.

Изабела

О, зверу!
О, кукавицо безверна, о беднику долен!
Зарем човек да станеш преку мојот порок?
Зарем не е родоскверие да земаш живот
од сестриниот резил? Што треба да мислам?
Дај боже мајка ми на татко ми да му била верна
зашто ваков трн, диво накалемен,
никогаш од крвта негова не никнал. Од тебе
се откажувам! Умри, цркни! Кога доволно би било
да клекнам и од кобот да те спасам, па нека си тече.
Илјада молитви ќе кажам за да умреш,
а ни збор за да те спасам.

Клаудио

Не, слушнете ме, Изабела.

Изабела

Не, не, не!
Гревот ти е занает а не случајност чиста.
Само уште некоја подведувачка може милост
да има за тебе. Најдобро е веднаш да умреш!
(*Се тргa од Клаудио.*)

Клаудио

О слушнете ме Изабела.

Војводата

(*Којшто излегува пред Изабела*)
За еден збор, млада сестро, за еден збор само ве молам.

Изабела

Што сакате?

Војводата

Кога би можеле да ми ставите на располагање дел од вашето слободно време, би имал подоцна нешто со вас да поразговарам. Задоволувањето на мојата молба по сѐ изгледа би одело во ваша полза.

Изабела

Јас немам многу слободно време; времето поминато овде морам да го украдам од своите други задачи; но за кусо ви стојам на располагање.

Војводата

(*На страна на Клаудио*) Синко, чув што се случи меѓу вас и сестра ви. Анџело никогаш немал намера да ја злоупотреби; тој само ја стави на искушение нејзината доблест за да ги испитува природните човечки однесувања. Таа, бидејќи чесна, го одби со кроткост која му беше многу по волја. Јас сум исповедникот на Анџело и знам дека ова што го велам е вистина. Затоа подгответе се за смрт. Не залажувајте ја вашата решеност со лажни надежи. Утре мора да умрете. Клекнете и подгответе се.

Клаудио

Дозволете ми да ја замолам сестра ми за прошка. Толку ми помина љубовта за животот што дури ќе молам да ме спасат од него.

Војводата

На тоа и останете. Збогум.
(*Клаудио оди кај Изабела.*)
Темничару, еден збор со вас.

Темничарот

(*Истапува напред*) Што можам за вас да сторам, оче?

Војводата

Ова: како што дојдовте така да си одите. Оставете ме малку на само со девојкава. И јас како човек, а и мојата одежда, се добар залог дека во мое друштво нема да ја снајде никакво зло.

Темничарот

Токму на време.
(*Излегува заедно со Клаудио.*)

Војводата

Раката која ви подарила убавина, ви подарила и добрина. Краткотрајна е добрината на убавината, ако во оваа не е доволно убава добрината; а чистотата на срцето, бидејќи е душа на човекот, секогаш ќе ја чува убавината на телото. Навалата на Анџело на вас случајно стигна до моите уши; па, иако пороков има примери на кои можеше да се учи при падот јас сепак му се чудам на Анџело. Како ќе постапите за да го задоволите овој заменик и да го спасите братот?

Изабела

Бев тргната да му ја соопштам одлуката. Повеќе сакам брат ми од законот да умре одошто синот да ми се роди незаконски. Но, о, колку добриот војвода се прелажа во Анџело! Ако некогаш се врати и ако ми се даде можност да говорам со него, јас или ќе зборувам во ветер или ќе го разоткријам неговото владеење.

Војводата

Тоа нема да биде неупатно. Сепак, како што сега стојат работите, тој ќе му се измолкне на вашето обвинение: тој само вас ве искушувал. Затоа убаво слушнете ме што ќе ви речам. На мојата искрена желба да помогнам, сам лекот му се дава. Убеден сум дека со мирна совест, можете да ја задолжите со заслужената добродетел една сирота девојка на која ѝ е нанесена неправда, да го спасите брат ви од побеснетиот закон, да не си нанесете никаква флека врз својата благородна личност и многу да го задоволите отсутниот војвода ако некогаш се врати и слушне за случајов.

Изабела

Дозволете ми да слушнам што ќе речете понатаму. Имам сили да сторам сé што не се коси со вистината што ја носам в душа.

Војводата

Доблеста е смела, а добрината никогаш не се плаши. Дали чувте нешто да се говори за Маријана, сестрата на Фредерик, великиот воин што настрада на море?

Изабела

Сум слушала за оваа госпоѓа а името ѝ се споменуваше со најголема почит.

Војводата

Со нејзе требаше да се ожени овој Анџело; се свршија и разменија прстени а и свадбата се закажа. Во меѓувреме, значи меѓу свршувачката и денот на венчавката, брат ѝ Фредерик доживеа бродолом на море, а во таа гемија му беше и миразот за неговата сестра. И видете колку тешко ја погоди ова несреќната госпоѓа. Првин го загуби благородниот и славен брат којшто неизмерно и искрено ја сакаше; потоа оброкот и темелот на својот имот, свадбениот мираз; а со нив, на крајот, и својот свршеник, овој навидум добар Анџело.

Изабела

Зарем е можно? Зарем Анџело така нејзе ја остави?

Војводата

Ја остави во солзи, не избришувајќи ѝ ниедна со својата утеха; плукна на сите свои заклетви, под изговор дека дошол до откритие за нејзината нечесност; на кратко, ја остави да лелека и жали по него сé до сега; а тој, иако искапен во нејзините солзи кон кои е студен како мермер, ни трошка совест не покажува.

Изабела

Колку мила би била смртта кога оваа сирота девојка би ја зела од светов! Колку расипан е животот штом остава ваков еден човек да живее! Но како може таа од ова да извлече корист?

Војводата

Тој раскин вие лесно можете да го исцелите а залечувајќи го, не само што ќе си го спасите братот, туку нема воопшто честа да си ја извалкате.

Изабела

Покажете ми како, добар оче.

Војводата

Споменатава девојка сé уште ја држи првобитната страст.Неговата неправична суровост која врз основа на сите причини требаше да ја загуши нејзината љубов, направи, слично на некаква брана која се испречува пред буицата, оваа да стане уште посилна и понескротлива. Одете вие кај Анџело; одговорете на неговото барање повинувајќи му се навидум искрено, согласете се на она што во тој поглед, тој го бара; само трудете се да ги оставите за себе овие предности: прво, дека кај него нема да останете долго; дека за време на состанокот мора да биде мрачно и дека не смее да се зборува а местото, се разбира мора да биде соодветно. Ако ова се обезбеди и гарантира, другото е лесно. Ќе ѝ порачаме на онеправданата девојка да отиде на состанокот место вас. Ако потоа го признае состанокот, тоа може да го натера да ѝ се оддолжи; притоа брат ви ќе биде спасен, вашата чест неизвалкана, кутрата Маријана во ќар а расипаниот заменик разобличен. Девојката јас ќе ја подготвам за неговата навала. Ако мислите дека сте кадри ова да го земете на себе, а вие секако сте, двојната корист ќе ја брани измамава од секаков прекор. Што велите на ова?

Изабела

Само замислата како сето ќе изгледа, ме полни со задоволство а верувам дека совршено добро сé ќе се изведе.

Војводата

Многу зависи од вашето однесување. Брзо појдете кај Анџело. Ако побара уште вечерва да му легнете в постела, ветете му дека ќе сторите по неговата волја. А јас веднаш одам до Свети Лука; таму, на еден имот опколен со длабоки ендеци, живее оваа отфрлена Маријана. Таму побарајте ме; а со Анџело гледајте сé брзо да се заврши.

Изабела

Ви благодарам за утехата. Збогум, оче добар.
(*Излегува.*)
(*Влегуваат Лакт, Помпеј и службениците.*)

Лакт

Ама ако тука нема лек а вие си ја терате работата продавјќи жени и мажи како да се стока, тогаш светот ќе стане лулка на апаши и пијаници.

Војводата

Боже, што е сега ова?

Помпеј

Дали можеше светот воопшто да биде весел, откако на едниот, повеселиот лихвар, му ставија катанец на врата, а на другиот, полошиот, му дозволија по наредба на законот, да носи поставена бунда за да го грее; и тоа поставена со лисичја и со јагнешка кожа за да се покаже дека лукавството што подметнува, бидејќи побогато од чедноста, може да се кити.

Лакт

Само вие гледајте си го патот пред вас, господине. - Благословен да сте, добар оче.

Војводата

И вие, добар брате оче. Што ви згрешил човеков, господине?

Лакт

Мене ништо, господине, туку на законот; а и сметаме, господине дека е и крадец, господине, зашто најдовме кај него, господине, некаква чудна направа за разбивање брави која ја испративме кај заменикот на војводата.

Војводата

(*На Помпеј*) Срам да ти е, момче, подведувач, подведувач долен!
Од злото кое со твоја помош се прави
лебот го вадиш. Помисли само што значи
да си го полниш чкембето и да си го облекуваш грбот
од толку валкан порок. Речи си барем еднаш,
‘од нивниот одвратен, животински допир
пијам, јадам, се облекувам, живеам царски’.
Можеш ли да поверуваш дека живееш
живот
кога зависиш од толку смрдеа и блуд? Поправи се!
Поправи се, велам!

Помпеј

Дека работава, на некој начин, ми смрди, ми смрди, господине. Ама сепак, можам да докажам -

Војводата

Не, ако ѓаволот докази ти дал за гревот,
тогаш ќе докажеш дека си негов. - Носете го в затвор,
џандару. Потребна е тука и поука и казна
за и зверов груб да има фајде.

Лакт

Мора пред заменикот, господине; овој го предупреди. Заменикот не може да му го прави ќефот на некаков си експерт за курви. Ако е некаков испорачувач на курви и му излезе пред очи, поарно би му било да му е гласник и тоа одјаван едно два километри од него.

Војводата

Камо сите да сме она во што сме навидум исти,
чисти од грев, или грешни а навидум чисти.

Лакт

Вратот ќе му слезе до вашиот ремен; до јажето, господине.
(*Влеѓува Лучио.*)

Помпеј

Надушив утеха, викам спасител. Еве еден господин и мој пријател.

Лучио

Како е благороден Помпеју? Што, зад двоколката на Цезар? Те водат во триумф? Што, зарем нема веќе некој кип на Пигмалион да се претвори во тазе женско па да ти пикне рака в џеб и да ти извлече стисната шака? Што возвраќаш, а? Што велиш за овој напев, овој предмет, оваа постапка? Зарем не ги проголта последниот пород, а? Што велиш ти, ганsало? Дали светот е она што беше, човеку? Каде тргнал? Дали е здодевен и д'ткав? Каков е? На кој дур удира?

Војводата

На ист па ист, па сé пофалш!

Лучио

Што прави моето мило залче, твојата газдарица? Уште подведува, не?

Помпеј

Да ви кажам право, господине, го обра бостанот и сега се пари и се поти в када.

Лучио

Е па тоа е добро, така треба и никако поинаку. Секогаш тазе курва и аздисана подведувачка; последиците се јасни, мора така да биде. Одиш в затвор, Помпеј?

Помпеј

Така е, господине.

Лучио

Нема тука ништо страшно, Помпеј. Збогум. Оди; кажи јас таму сум те пратил. Долгови Помпеј или што?

Лакт

Затоа што е макро, затоа што е макро.

Лучио

Тогаш, затворете го. Ако затворот му личи на еден макро, тогаш, тоа си е негово право. Дека е макро тука нема сомнеж, и тоа макро со педигре - роден макро. Збогум, добар Помпеју. Препорачај ме на затворот, Помпеј. Сега ќе станете добар домаќин, Помпеј; ќе ја чувате куќата.

Помпеј

Се надевам, господине, дека вашата милост ќе ме ослободи со кауција.

Лучио

Не, навистина нема, Помпеј; не е повеќе во мода. Ќе се молам Помпеј, да ти се продолжи апсот. Ако не покажеш трпение, тогаш, прангите ќе ти стежнат а со тоа и славата ќе ти порасне. Збогум, верен Помпеј. - Благословен да сте, оче.

Војводата

И вие.

Лучио

Дали Брицит уште се ака, а Помпеј?

Лакт

(*На Помпеј*) Гледајте си го патот, господине.

Помпеј

(*На Лучио*) Значи нема да ми платите кауција, господине?

Лучио

Ни потоа Помпеју ни сега. - Што има ново по светот, оче, што се говори?

Лакт

(*На Помпеј*) Гледајте си го патот, господине.

Лучио

Оди под сенка, Помпеј, оди.
(*Излегуваат Лакт, Помпеј и службениците.*)
Се слуша нешто за војводата, оче?

Војводата

Не сум чул ништо. А вие?

Лучио

Некои велат дека бил кај рускиот цар; други дека е во Рим. Но каде е навистина, што мислите?

Војводата

Не знам каде е; но каде и да е му посакувам сé најдобро.

Лучио

Беше луд, неверојатен потег од негова страна да збрише од земјава и да ја преземе улогата на просјак за која никогаш не бил роден. Господарот Анџело добро си војводува во негово отсуство; ги стави престапите на зорт.

Војводата

Добро прави.

Лучио

Нема да му се срони бисерот ако малку на блудничењето му прогледа низ прсти. Вака некако сé ми е нешто многу намќоресто, оче.

Војводата

Тој порок многу се рашири и мора строго да се лечи.

Лучио

Навистина, пороков има многу роднини, многу сојузници и помагачи. Ама невозможно е да се сотре сосем, оче, сé додека не се скрати јадењето и пиењето. Велат овој Анџело не го создале маж и жена, според вообичаениот начин. Точно ли е ова, што мислите?

Војводата

А како е создаден, тогаш?

Лучио

Некои велат дека морска самовила го донела на свет, некои пак дека е рожба на два сома. Но едно е сигурно: кога моча мочта му се прави мраз; за ова сум сигурен. И дека е кукла што се плоди. Тоа е исто така сигурно како што сум сигурен дека еден и еден се два.

Војводата

Ми личите на задрогаз, господине, и голем говорџија.

Лучио

Ама ви се молам, замислете за колкава бездушност станува збор кога тој е во состојба заради бунтот на долниот да ги праќа луѓето кај горниот! Дали отсутниот војвода би сторил такво нешто? Не би обесил тој човек затоа што направил сто копилиња, туку побргу би платил илјада да растат и да се воспитуваат. Тој имаше чувство за оваа работа, знаеше каква полза има од неа, затоа научи да биде душевен.

Војводата

Никогаш не сум чул дека отсутниот војвода бил многу по жените; мислам дека не беше таков.

Лучио

О, колку се лажете, господине.

Војводата

Не е возможно.

Лучио

Кој, војводата не бил? Жими таквоото не бил! Просјак на педесет? Обично пушташе по дукатче во нејзиното сандуче! Море си мрдаше тој по малку. А и пијаница си беше, да ви кажам ако не сте знаеле.

Војводата

Голема неправда му правите, сигурен сум.

Лучио

Господине, мене ми кажувате? Јас бев газ и гаќи со него! Војводата си беше доста срамежлив а јас мислам дека знам и зошто му ја шмугна.

Војводата

А зошто, ти се молам, му ја шмугнал?

Лучио

Аа, тоа е тајна и мора да се чува заклучена меѓу забите и усните. Ама ова само можам да ви го кажам. Повеќето од неговите го сметаа за умен човек.

Војводата

Умен? Сигурно дека беше умен човек.

Лучио

А тој е плиток, ништо не знае и празен е ко лејка.

Војводата

Вие или сте злобен, или луд или сте во голема заблуда. Целиот тек на неговиот живот, и сé што на кормилото на државата стори, не можат, а нужно и без поговор, да не го прикажат во подобро светло. Да се суди само по она што го направи, тој дури и за завидливците би бил добар зналец, државник и војник. Вие или зборувате кутурица или, ако сте подобро известени, известеноста ви е помрачена со злоба.

Лучио

Господине, го познавам и го сакам.

Војводата

Љубовта говори со повеќе познавање, а познавањето со посрдечна љубов.

Лучио

Ама ви се молам господине, јас знам што знам.

Војводата

Тешко да ви поверувам бидејќи не знаете што зборувате. Ама ако некогаш се врати војводата, како што се молиме да биде, дозволете да искажам желба пред него да положите сметка. Ако говоревте по душа, ќе имате смелост тоа и да го потврдите. Обврзан сум ова да го побарам од вас; а како се викате, ви се молам?

Лучио

Господине, се викам Лучио, добро познат на војводата.

Војводата

Ќе ве запознае тој уште подобро, господине, ако поживеам да го известам за вас.

Лучио

Не се плашам од вас.

Војводата

О, вие се надевате дека војводата нема никогаш да се врати, или сметате дека сум безопасен противник. Ама јас навистина можам малку и да ви наштетам; ова повторно ќе го порекнете.

Лучио

Попрво ќе се обесам. Се лажете за мене, оче. Ама доста за ова. Можеш да ми кажеш дали Клаудио ќе умре утре?

Војводата

Зошто би умрел, господине?

Лучио

Зошто? Затоа што без ум си го омрсил. Би сакал војводата за кого говориме да се врати; овој управител којшто не е ни машко ни женско, ќе го лиши овој крај од жители со својата воздржаност. Ни врапчињата не смеат да прават седела под неговото пенџере оти се развратни. Војводата пак, мрачните дела, мрачно би ги средил; ни случајно не би ги изнесувал на видело. Камо да се врати. Навистина, овој Клаудио е осуден на смрт затоа што се разгаштил. Збогум, добар оче. Те молам моли се за мене. Војводата, пак ти велам, не е тип што не би го омрсил мустакот во петок. Уште не се откажал од тоа, и, ти велам, би се цмокал и со просјачка па макар од уста да ѝ баздат реи од црн леб и кромид. Речи дека јас ова сум ти го кажал. Збогум.
(*Излегува.*)

Војводата

Ни моќта ни големината кај смртните
не ја избегнуваат покудата; клеветите
подмолни најдобрата ја напаѓаат доблест.
Има ли крал толку силен,
што лесно ќе го скастри блудот подло
испилен?
(*Влегуваат Ескало, Темничарот и госпоѓа Аздисана.*)
Но кој иде?

Ескало

(*На темничарот*) Ајде, носете ја в затвор.

Аздисана

Добар господару, добар бидете со мене. Вие барем важите за милозлив човек.

Ескало

Два-три пати укорена и повторно истиот престап? Ова и милозливоста ќе ја натера да пцуе и да се однесува како тиранин.

Темничарот

Подведувачка цели единаесет години, ваше господство.

Аздисана

Господару, ова е по пријава на некојси Лучио. Госпоѓата Маца Превртувачката остана трудна од него уште во времето на војводата; ѝ вети дека ќе ја земе. Детето на почетокот на мај ќе му има година и три месеци. Јас самата му го гледав а видете како со навреди ми враќа.

Ескало

Голема слобода си зема тој човек. Изнесете го пред мене. Нејзе носете ја в затвор. Веднаш, повеќе ни збор. Темничару, мојот собрат во власта, Анџело, не сака да се премисли. Клаудио мора утре да умре. Погрижете се да го посетат свештеници за богоугодно да се подготви. Сожалбата да делуваше на мојот собрат како на мене, сé ќе беше поинаку.

Темничарот

Ако дозволите, овој монах беше со него и го упати како да се подготви за смрт.
(*Излегуваат Темничарот и госпоѓа Аздисана.*)

Ескало

Добра вечер, добар оче.

Војводата

Бог нека ве благослови и секое добро.

Ескало

Од каде сте?

Војводата

Не од оваа земја; ама срећата даде
овде векот да го минувам. Јас сум еден
од милосрдните браќа, неодамна дојдов од дворот
на бискупот со посебна задача за неговата светост.

Ескало

Што има ново по светот?

Војводата

Ништо, освен што толку голема треска ја тресе чесноста што ќе мора да се распадне за да се излечи; се бара нешто ново. Опасно е да се биде стар во кој и да е правец како што е доблест да се биде непостојан во кој било потфат. Одвај да има сигурни гаранти за да бидат општествата безбедни, а и гаранцијата е толкава што дури и тие од неа што зависат, ја колнат. Околу оваа загатка мудрува светот. Оваа вест е доволно стара но барем секој ден е вест. Ве молам, господине, каков човек беше војводата?

Ескало

Беше човек којшто, над сите борби, најмногу ја водеше борбата за себеспознавање.

Војводата

Какви задоволства сакаше?

Ескало

Повеќе се радуваше да ги види другите радосни одошто да се радува на нешто што него би го развеселило. Совршен господин на воздржаноста и умереноста. Но да го оставиме него на неговите работи, молејќи го бога да му појдат од рака, а мене дозволете ми да ве прашам дали и колку Клаудио е подготвен. Ме известија дека сте го посетиле.

Војводата

Тој смета дека чинот на својот судија не го смета за зол и сосема доброволно се повинува на решението на законот. Но во својата фантазија, заведен од слабоста на својата природа, се препушташе на некои лажни надежи за живот, кои јас, имајќи доволно слободно време, му ги разбив и тој сега е

решен да умре.

Ескало

Му го плативте на небото она на што сте
му должни, а на затвореникот својот долг
спрема својата професија. Се борев за тој
сирот млад господин до границите на своите
скромни моќи, но наидов во својот собрат
во власта на толку строга правичност што
морав да му признаам дека тој самиот е оли-
цетворение на правдата.

Војводата

Ако неговиот сопствен живот одговара на
острината на неговите постапки, ќе има со
што да се гордее; но ако и тој падне во грев,
тогаш самиот на себе си изрекол пресуда.

Ескало

Одам да го посетам затвореникот. Збогум.

Војводата

Мир со вас.
(*Излегува Ескало.*)
Тој што со мечот божји сака да се служи,
на строгоста, светост треба да ѝ придружи,
урнек во душата сопствена да плоди,
душевноста да ја бодри, доблеста да ја води,
точно така другите да ги казнува
ко гревовите свои што ги одмерува.
Арам да му е на тој што сурово сече глави
за гревовите што самиот непречено ги
прави.
Анџело треба сто пати да се срами
што мојот порок го треби, а својот го храни!
О, што сé може човек во себе да крие,
од надвор ангел, а внатре црн ѓавол вие!
О, како може страста склона кон злостор
кога распалена ќе ти заигра во двор
да ги сплетка во пајаковата мрежа
работите велики, најмногу што тежат!
Со итрина мора порокот да се стегне.
Со Анџело ноќеска в постела ќе легне
свршеницата негова по основи разни.
Така препредениот со препределост ќе се
казни,
со измама измамата да се плати
а во снага старата обврска да се врати.
(*Излегува.*)

Чин ЧЕТВРТИ

Сцена 1

(Влегува Маријана со едно дете.)

Детето

(*Пее*) Тргни ги, о тргни, тие усни
што толку слатки, се колнеа лажно,
и тие очи, осуни вкусни,
водичи слепи за утрото влажно.
Но бакнежите врати ми ги, назад врати,
залог даден но залуден, прати ги, прати.
(*Влегува Војводата препрaвен како монах.*)

Маријана

Прекини ја песната, па што побргу бегај.
Еве иде тешителот мој, чиј совет
честопати го смирувал болниот мој чемер.
(*Излегува детето.*)
Ве молам за прошка, господине, зашто сакам
да не ме најдевте овде во толкава радост.
Простете ми и верувајте овде во ладот
радоста ми е темна но добредојдена е за јадот.

Војводата

Добро е; иако музиката често таков чар има
лошото добро да го прави, а доброто лошо да прима.
Ве молам, кажете ми дали некој денеска
овде прашувал за мене? Ветив дека приближно во ова време ќе ме најде овде.

Маријана

Не ве побара никој; цел ден сум овде.
(*Влегува Изабела.*)

Војводата

Сосема ви верувам. Токму сега е дојдено времето. Ќе ве молам за кратко да се повлечете.
Можеби наскоро пак ќе ве викнам заради нешто што и вам ќе ви користи.

Маријана

Останувам со верба во вас.
(*Излегува.*)

Војводата

Во добар час и добро ми дојдовте.
Што вести носите од заменикот добар?

Изабела

Оградена со ѕид, тој градина има,
а од западната страна и едно лозје
до кое се минува низ дрвена врата
која со овој, поголемиот клуч, се отвора.
Овој другиот е од помалото врате
низ кое од лозјето в градина се оди.
Токму таму нему му ветив
точно среде глувата полноќ
да му дадам знак.

Војводата

Но дали ќе знаете да го најдете патот?

Изабела

Добро и внимателно запаметив што ми кажа.
Низ шепот, со ревност на голем кривец,

не еднаш туку двапати тој патот
ми го покажа.

Војводата

Дали договоривте и други знаци
на кои таа треба да внимава?

Изабела

Не, ниеден, туку само повлекување во мракот,
и дека сиот мој тамошен престој мора
да биде многу краток, зашто му реков
слугинка една ќе ме следи и ќе ме чека
убедена дека заради брат ми доаѓам.

Војводата

Добро сé сте смислиле. На Маријана
уште ништо не сум ѝ рекол. - Ајде! Дојдете!
(*Влегува Маријана.*)
Ве молам запознајте се со оваа дама.
Тука е за ваше добро.

Изабела

И јас истото го сакам.

Војводата

(*На Маријана*) Вие сигурно знаете дека ве почитувам?

Маријана

Знам, оче добар, толкупати веќе видов.

Војводата

Тогаш земете ја друшкава ваша под рака,
која има нешто многу важно да ви каже.
Ќе причекам да завршите; само брзо
зашто ноќта влажна наближува.

Маријана

(*На Изабела*) Да одиме, ако ви е по волја?
(*Излегуваат Маријана и Изабела.*)

Војводата

О власт! О големино! Милиони злобни очи
во тебе се вперени; тефтери цели кружат
со лажни и најпротивречни вести
за твоите постапки; море мудрувања глупи
те прават татко на соништата нивни пусти
и со лаги те черечат.
(*Се враќаат Маријана и Изабела.*)
Добро се вративте! Дали се договоривте?

Изабела

Ќе се нафати таа на задачата, оче,
ако вие така ја посоветувате.

Војводата

Не е тоа совет, туку барање мое.

Изабела

(*На Маријана*) Треба само да кажете
на заминување од него, тивко и со шепот:
'Сега на брат ми сетете се.'

Маријана

Без гајле.

Војводата

Не плашете се, мила ќерко, од ништо.
Тој е ваш маж по договорот првен.
Не е грев на овој начин да се споите
зашто правдата која е на ваша страна
измамата ќе ја благослови. Да одиме! Часот се крши!
Ќе има жетва, но првин сеидбата треба да се сврши.
(*Излегуваат.*)

Сцена 2

(Влегуваат Темничарот и Помпеј.)

Темничарот

Дојдете ваму, брат. Можете некому да отсечете глава?

Помпеј

Ако е ерген, господине, можам; ама ако е женет, тогаш е глава на жената, а никогаш не би можел да отсечам глава на жена.

Темничарот

Ајде, господине, не ми продавајте басма на кило туку одговорете ми директно. Утре наутро треба да умрат Клаудио и Бернардин. Овде во затворов имаме џелат на кого му треба помошник. Ако се нафатите да му помагате, ќе се спасите од пранги; ако не, ќе си одлежите колку што ви следи а при отпуштањето ќе бидете безмилосно искамшикувани; затоа што сте биле злогласен макро.

Помпеј

Господине, јас си бев незаконски макро од којзнае кога, ама сепак ќе се задоволам со тоа да бидам законски бесач. Би сакал мојот ортак малку да ме подучи.

Темничарот

Еј, Мразач! Каде е тој Мразач?
(*Влегува Мразач.*)

Мразач

Ме баравте, господине?

Темничарот

Братче, човеков овде утре ќе ти помага при извршувањето на казната. Ако ви е прифатливо, договорете се за една година па нека престојува овде со вас; ако не, нека ви се најде сега, а потоа отпуштете го. Тој не може да бара да го ценат како вас; беше макро.

Мразач

Макро, господине? Нема тука леб за него! Ќе ни ја засрами уметноста.

Темничарот

Ајде, ајде, господине, не гледам кој е потежок; доволен е еден пердув за да превагне вагата.
(*Излегува.*)

Помпеј

Ве молам господине, живи лицето благородно, зашто тоа е благородно, без сомнение, само што погледот ви е крвнички, дали навистина професијата си ја сметате за уметност?

Мразач

Да, господине, уметност ами што.

Помпеј

Сликарското мачкање, господине, сум чул го викаат уметност; а курвите, господине, бидејќи се занимаваат со истиот занает како и јас, исто се мачкаат што докажува дека и мојот занает е уметност. Но каква уметност може да биде бесењето не можам да замислам па дури и да ме обесите.

Мразач

Е, господине, е уметност.

Помпеј

Докажете.

Мразач

Па нема алишта на кој било чесен човек што не му уjдисуваат на таму некој крадец.

Помпеj

Ако алиштата се претесни за таму некој крадец, чесниот човек мисли дека се доволно широки. Ако се прешироки за таму некој крадец, тој таму некој крадец мисли дека се доволно тесни; па така нема алишта на кој било чесен човек кои не би му уjдисувале на кој било таму некој крадец.
(*Влеѓува Темничарот.*)

Темничарот

Се разбравте?

Помпеj

Господине, ќе му служам, бидеjќи гледам дека вашиот џелат, работеjќи го својот занает, треба почесто да се кае од макрото којшто го работи својот; првиот почесто моли за прошка.

Темничарот

(*На Мразач*) Вие, братче, подгответе си ги пењушката и секирата за утре сабајле во четири.

Мразач

(*На Помпеj*) Аjде, господине макро. Ќе те подучам во занаетот. По мене.

Помпеj

Сакам да учам, господине; се надевам, ако еднаш ви се укаже прилика да ме употребите кога вам ќе ви дојде редот, ќе бидам подготвен ко пиштол на готовс. Зашто навистина, господине, толку ме задолживте со вашата љубезност што редно е да ви се оддолжам како што треба.

Темничарот

Викнете ми ги овде Бернардин и Клаудио.
(*Излеѓуваат Мразач и Помпеj.*)
За едниот ми е жал; а око нема да ми трепне за другиот кога смртта по тиква ќе го репне, зашто е убиец.
(*Влеѓува Клаудио.*)
Еве го налогот, Клаудио, за смртта твоја.
Сега е полноќ глува а утре во осум
веќе ќе си бесмртен. Каде е Бернардин?

Клаудио

Потонат длабоко во цврст сон ко напор невин
стежнат врз коските на уморен патник.
Не сака да се разбуди.

Темничарот

Кој може да му го најде крајот?
Добро, одете, подгответе се.
(*Се слуша тропање од надвор.*)
Некој тропа! Кој може да биде?
Бог нека ви даде утеха!
(*Излеѓува Клаудио.*)
(*Повторно се слуша тропање.*)
Полека! Се надевам дека помилување е или одлагање за благородниот Клаудио.
(*Влеѓува Војводата облечен како монах.*)
Добродојдовте, оче.

Војводата

Најдобрите и најблаготворни духови ноќни над глава ви бдеат, темничару добар! Дали некој
неодамна за мене прашуваше?

Темничарот

Никој од кога биеја камбаните за вечерна.

Војводта

Ни Изабела?

Темничарот

Ни таа.

Војводата

Значи набргу ќе се појави.

Темничарот

Има нешто утешно за Клаудио?

Војводата

Не е без надеж.

Темничарот

Многу суров заменик.

Војводата

Не е, не е; се сложува неговиот живот
со власта негова и правецот на неговата правда.
Тој со света воздржаност го кроти
она во себе што, бодињајќи ја власта,
кај другите сака да го заузди. Да е од исто тесто
како она што го лечи, тиранин би бил тогаш;
но вака е правичен.
(*Тропање од надвор.*)
Идат.
(*Темничарот оди кај вратата.*)
Темничаров е човек. Голема е реткост
клучар еден затапен, луѓето да ги сака.
(*Тропање на врата.*)
(*На Темничарот*) Ама врева! Некому многу му се брза
штом кутрава врата ја ранува со тресок.

Темничарот

Нека чека додека службеникот не дојде
да го одведе. Пратив по него.

Војводата

Зарем не пристигна отповик за Клаудио
или мора да умре утре?

Темничарот

Не, господине, нема ништо.

Војводата

Иако мугрите ближат, темничару, сепак
ќе слушнете повеќе пред да раздени денот.

Темничарот

Можеби нешто повеќе знаете, сепак мислам
дека отповикување нема да стигне. Таков случај
до сега сме немале; освен тоа од самиот престол
на правдата, господарот Анџело ѝ го вети
на јавноста токму спротивното.
(*Влегува гласник.*)
Ова е човек на неговото господство.

Војводата

Носи прошка за Клаудио.

Гласникот

(*Му дава нешто напишано на Темничарот*)
Господаров ви го праќа ова написмено а по мене и налогот да не отстапите ни најмалку
од некоја негова одредба, ни што се однесува до рокот, ни што се однесува до предметот,
ни што се однесува до други околности.
Нека добро ве осуни оти како што гледам,
се разденува.

Темничарот

Ќе му се повинам.
(*Излегува гласникот.*)

Војводата

(*На страна*) Ова е неговата прошка, купена со гревот
што на истиот тој проштевач му пребива во мевот.
Значи престапот е брз и без мерка

кога го прави многу крупна sверка.
Кога порокот простува, простувањето до таму оди
што гревот и грешникот во пријателство ги води. -
Што има, господине?

Темничарот

Ви кажав; господарот Анџело, сметајќи веројатно дека ќе бидам лежерен во службата, ми ја остри будноста со овој невообичаен поттик; ми се чини чудно зашто порано немаше таков обичај.

Војводата

Ве молам, да чуеме.

Темничарот

'Без оглед дали нешто спротивно сте чуле, наредете Клаудио да се погуби во четири а попладне Бернардин. За подобро да се уверам, до пет сакам да ја имам главата на Клаудио кај мене. Погрижете се ова да се изврши како што треба имајќи на ум дека од ова зависат многу работи што не можам да ви ги доверам. Значи извршете си ја должноста, инаку ќе ви летне главата.' Што велите на ова, господине?

Војводата

Што е тој Бернардин што треба да го погубите попладнево?

Темничарот

Роден е Чех, но овде е израснат и одгледан; веќе девет години лежи в затвор.

Војводата

Како се случило отсутниот војвода да не го ослободи или да го погуби? Сум чул дека така секогаш правел.

Темничарот

Неговите пријатели постојано успеваа да му издејствуваат одлагање; а и вистински доказ сé до доаѓањето на власт на господарот Анџело, не се ни најде.

Војводата

Дали сега го има?

Темничарот

Да. Тој дури и самиот призна.

Војводата

Дали покажуваше каење во затворот? Дали работата ја прими при срце?

Темничарот

Тоа е човек што смртта не ја сфаќа пострашно од пијан сон; ич не му е гајле, баш го боли за сé, не се плаши од ништо, ни од минатото, ни од сегашноста ни од иднината; нема чувство за смртта, а за бесмртноста му е гајле колку за ланскиот снег.

Војводата

Му треба поука.

Темничарот

Не сака ни да чуе. Во затворот имаше целосна слобода. Отворете му ја вратата, но тој нема да избега. Пијан е по вездeн и тоа по неколку дена. Честопати сме го буделе небаре ќе го носиме на погубување, ќе му покажевме лажен налог за тоа, ама тоа за него беше ко да тропнало тенеќе.

Војводата

Подоцна ќе говориме повеќе за него. На лицето, темничару, ви се чита честитост и постојаност. Ако лошо читам, тогаш мојата

стара умешност ме мами. Но, ќе се потпрам дрско на својата умешност па што ќе биде нека биде. Клаудио, за чие погубување добивте налог, не е ни малку повеќе виновен пред законот одошто Анџело којшто казната му ја изрече. За да ви дадам можност ова да го сфатите како што треба, ве молам да ми оставите само четири дена рок, а дотогаш веднаш треба да ми направите една опасна услуга.

Темничарот

А како, господине, ви се молам?

Војводата

Одложете го погубувањето.

Темничарот

Како можам да го сторам тоа кога времето истекува, рокот ми е утврден, а имам јасен налог под закана со смрт главата да ја испорачам пред очите на Анџело? Ако отстапам макар и малку ќе ме снајде судбината на Клаудио.

Војводата

Жими заклетвата што сум ја дал на мојот ред, ве молам постапете како што ви велам. Нека утрово Бернардин биде погубен а неговата глава испратена пред Анџело.

Темничарот

Анџело ги има видено и обајцата, па ќе ја открие измамата.

Војводата

О, мртовецот многу го менува ликот, а вие можете и да припомогнете. Истрижете му ја главата и подврзете му ја брадата, па кажете дека последна желба на осуденикот била пред смрт да го истрижат; вие знаете дека ова обично се прави. Ако со ова, освен благодарност и награда, навлечете на себе и нешто друго, жими светецот кому му служам, ќе се заложам против тоа со мојот живот.

Темничарот

Простете, добар оче, ама ова е против мојата заклетва.

Војводата

Дали му се заколнавте на војводата или на заменикот?

Темничарот

Нему и на неговите заменици.

Војводата

Дали би сметале дека не сте направиле престап ако војводата ја одобри вашата постапка како правична?

Темничарот

Само колку е тоа веројатно?

Војводата

Не дека е веројатно туку е сигурно. Но бидејќи гледам дека се плашите, па ни мојата облека, ни мојата беспрекорност, ни моето уверување не можат лесно да ве омекнат, ќе отидам подалеку од што планирав, за да го отстранам секој ваш сомнеж. (*Покажува писмо*) Погледајте господине, овде се ракописот и печатот на војводата. Вие, не се сомневам во тоа, ги знаете и неговата рака и неговиот печат.

Темничарот

Ги препознавам и тоа и тоа.

Војводата

Овде се најавува враќањето на војводата: прочитајте го тоа подоцна кога ќе имате

слободно време и ќе видите дека тој во рок од два дена ќе биде овде. Ова Анџело не го знае бидејќи токму денеска добива писма со чудна содржина. Во нив де се вели дека војводата умрел, де дека негде се замонашил, но за среќа, од тоа нема ништо. Погледајте, се појави ѕвезда и му даде знак на овчарот. Не чудете се многу како ова е можно. Сите тешкотии лесно се решаваат кога се знаат. Повикајте го џелатот и нека му се сече главата на Бернардин. Ќе го исповедам и ќе го разрешам од гревовите веднаш, па упатете го на подобро место. Сé уште сте вчудовидени; но ова ќе ви внесе апсолутна решеност. Одиме, веќе се раздени.
(*Излегуваат.*)

Сцена 3

(Влегува Помпеј.)

Помпеј

Така се одомаќинив овде што се чувствувам ко да сум во онаа наша еснафска куќа. Човек би рекол дека е во куќата на самата госпоѓа Аздисана, бидејќи овде се наоѓаат многу од нејзините стари муштерии. Првин, тука е младиот мајстор Брзошило; затворен е поради накусурување на муштериите со темножолта хартија и стар ѓумбир, сé на сé 197 фунти, од што извлекол ќар пет марки. Рака на срце, тогаш ѓумбирот не се барал многу зашто сите стари баби изумреле. Потоа тука е еден мајстор Фиаско, на тужба од мајстор Триножици, трговец со ткаенина, заради некои четири топови свила во боја на праска кои сега го распраскаа до питачки стап. Потоа тука ни е и младиот Кец-на-банка , па младиот мајстор Бог-дачува, па мајстор За-влакно-злато и мајстор Умрев-од-глад, силеџија на меч и кама; па тука ви е и младиот Лезет-меше што го уби похотниот Тресено-благо, па мајстор Сечи-бегај, мегданџијата, па храбриот мајстор Врвка-од-чевли, вечниот патник, па дивиот Полу-буре што го прободе Казан и мислам уште четириесеттина други, сите големи алашверџии во нашиот занает, а сега станати ‘Подајте за бога’.
(*Влегува Мразач.*)

Мразач

Братко, доведи го овде Бернардин.

Помпеј

Мајсторе Бернардин! Разбудете се да ве обесат! Мајсторе Бернардин!

Мразач

Еј! Бернардин!

Бернардин

(*Од надвор*) Грлата да ви се крастосаат, да даде бог! Кој се дере така! Кој сте вие?

Помпеј

Ваши пријатели, господине; џелати. Треба да бидете добри господине, да станете и да одите на небо!

Бернардин

Марш да ве нема, гадови, сиктер! Ми се спие.

Мразач

Речете му дека мора да се расони и тоа веднаш.

Помпеј

Ве молам, мајсторе Бернардин, бидете буден додека ве обесиме а потоа спијте колку што сакате.

Мразач

Оди кај него и извлечи го!

Помпеј

Доаѓа, господине, доаѓа. Слушам како шушти сламата под него.

Мразач

Дали секирата е на пењушка, брат?

Помпеј

Наострена е господине, само треба да се замавне.
(*Влеѓува Бернардин.*)

Бернардин

Па Мразач, што сакате од мене?

Мразач

Навистина господине, би сакал што побргу да се нурнете во молитва зашто, гледајте, налогот стигна.

Бернардин

Гаду, пиев цела ноќ; не сум подготвен за тоа.

Помпеј

Уште подобро, господине; зашто тој што пиел цела ноќ, па го обесат рано на сабајле, после може да спие ко заклан цел ден.
(*Влеѓува војводаѓа пѓеправен на монах.*)

Мразач

Еве, господине, ви доаѓа духовниот татко. Уште мислиш дека ни е до шега?

Војводата

Господине, подбоднат од милосрдие, а на веста колку брзо треба да го напуштите светов, дојдов да ве посоветувам, да ве утешам и да се помолам со вас.

Бернардин

Е така попче, ама нема. Пиев цела ноќ ко нетокму и ми треба повеќе време да се подготвам. Ако не, ќе треба мозокот да ми го истурат со цепеница. Денеска не ми се умира, па цркнете ако сакате.

Војводата

О, господине, морате; затоа, ве молам, насочете го погледот кон патот што ви претстои.

Бернардин

Се колнам дека нема да умрам денеска, па ако сакате убедувајте ме до утре сабајле.

Војводата

Ама ви се молам -

Бернардин

Нема што да ми се молите. Ако имате нешто
да ми кажете, дојдете во мојата ќелија,
зашто денеска оттаму не мрдам.
(*Си заминува.*)

Војводата

Неподготвен ни за живот ни за смрт. О, душо
со камено срце! По него; донесете го да умре.
(*Излегуваат Мразач и Помпеј.*)
(*Влегува Темничарот.*)

Темничарот

Па како ви изгледа затвореникот?

Војводата

Суштество неподготвено, неприкладно за смрт;
да се испрати на оној свет со ваква душа
би било грев.

Темничарот

Овде во затворов, оче,
утрово умре од смртоносна треска
еден Дубровчанец, многу злогласен пират,
човек на иста возраст со Клаудио, со брада
и глава слични на неговите. Како би било
да го оставиме несреќников додека не се реши
самиот а замениковата волја да ја задоволиме
со ликот на Дубровчанецот на Клаудио сличен?

Војводата

О, небото тука вмешало прсти.
Налог дајте веднаш; истекува рокот
наложен од Анџело. Гледајте ова да се стори
и да се испрати според заповедта, а јас ќе пробам
да го наговорам јадников доброволно да умре.

Темничарот

Ова, добар оче, ќе се изврши веднаш.
Но Бернардин мора попладнево да умре;
но што да правиме со Клаудио
за да се спасам од опасноста што може да ме снајде
ако се дознае дека е жив?

Војводата

Направете вака:
скријте ги тајно и Бернардин и Клаудио.
Пред двапати сонцето да угрее јасно
над светот долу, ќе се најдете
во безбедност.

Темничарот

Ви се покорувам по своја волја.

Војводата

Бргу, дајте налог и главата испратете ја
кај Анџело.
(*Излегува Темничарот.*)
Сега ќе напишам до Анџело писма -
темничарот ќе му ги однесе - од нив
ќе дознае дека наближувам кон дома,
и дека морам со налози многу крупни
јавно да влезам в град. Од него ќе барам
да ме дочека кај посветената чешма
километар и пол под градот, а од таму
ладнокрвно и на добро одмерен начин
со Анџело ќе постапиме.
(*Влегува темничарот со главата на Дубровчанецот.*)

Темничарот

Еве ја главата; самиот ќе ја однесам.

Војводата

Така е добро. Вратете се веднаш,
бидејќи имам да ви соопштам нешта
кои, освен вас, никој не смее да ги слушне.

Темничарот

Летам.

Изабела

(*Од надвор*) Еј! Јавете се!

Војводата

Гласот на Изабела. Дојдена е да чуе
дали помилувањето за брат ѝ стигна;
но нема да ѝ кажам заради нејзино добро,
за кога најмалку очекува, по тешкиот очај
ко утеха божја да ѝ дојде.

Изабела

(*Од надвор*) О, со ваш допуст!
(*Влеѓува Изабела.*)

Војводата

Добро утро, убава и благородна ќерко.

Изабела

Поубав е благословот што од свет човек
како вас доаѓа. Дали заменикот го прати
помилувањето за брат ми?

Војводата

Тој го ослободи, Изабела, од светот.
Главата му е отсечена и испратена кај
Анџело.

Изабела

О, зарем е можно?

Војводата

Можно е и баш е така.
Бидете мудра, ќерко, во трпението.

Изабела

О, одам кај него очите да му ги ископам!

Војводата

Нема да ве прими.

Изабела

(*Плаче*) Јаден Клаудио! Проклета Изабела!
Свету неправеден! Проклет да си за на век
Анџело!

Војводата

Ова не го боли, ниту вие имате корист.
Затоа, немојте така; во божји раце
вашата работа предајте ја. Внимавајте
што ќе ви речам, а во секое зборче
чиста вистина ќе има. Војводата утре
си доаѓа дома - немојте, избришете ги
солзите - еден собрат мој и исповедник
негов ова ми го кажа. Веќе им јави
за истото на Ескало и Анџело кои
се подготвуваат на порти да го сретнат,
за таму да му ја предадат власта. Ако
можете мудроста да ја насочите ваша
во правецот по кој сакам работите да течат,
ќе имате можност да го разобличите гадот,
да го исполните војводата со восхит,
срцето со одмазда да го задоволите
и со општа почит да се здобиете.

Изабела

Ќе правам како што велите вие.

Војводата

Писмово, тогаш, дајте му го на монахот
Петар,
оној што ме извести за доаѓањето на војводата.

Кажете му дека вечерва сакам да дојде
во куќата на Маријана. Ќе го запознаам
добро
со вашата и нејзината работа а тој пред
војводата ќе ве изведе, а вие Анџело тогаш
беспоштедно оптужете го. Што се однесува
до мене,
една заклетва ме врзува света
па ќе бидам отсутен. (*ӣ го̄ дава п̄исмо̄то̄*) Со
ова писмо
појдете. Сопрете ги овие штипливи води
со мирно срце. Во редот мој не верувајте
ако од патот ваш скршнам.
(*Влеѓува Лучио.*)
Кој е овде?

Лучио

Добра вечер.
Оче, каде е темничарот?

Војводата

Не е тука, господине.

Лучио

О убава Изабела, срцето ми бледнее кога
гледам дека очите ти се црвени. Мора да
си трпелива. Принуден сум да ручам и вечерам вода и трици; ни за жива глава не смеам
мевот да го полнам; едно хранливо јадење
па и јас ќе дотерам до таму. Но велат војводата се враќа утре. Жими вера, Изабела, го
сакав брат ти. Да беше стариот, настран лилјак, војводата, дома, а не во некои мрачни
сокаци, тој ќе беше жив.
(*Излеѓува Изабела.*)

Војводата

Господине, војводата ни пет пари не дава за
она што го говорите; но доброто е што тој
воопшто не живее таму.

Лучио

Оче, ти не го знеш војводата толку добро
како јас. Тој е поголем женкар од што
мислиш.

Војводата

За ова еден ден ќе одговарате. Збогум.

Лучио

Чекај, чекај! Ќе дојдам со тебе. Ќе ти кажувам убави бајки за војводата.

Војводата

Веќе за него ми изнаприкажавте едно чудо
работи, господине, ако се така како што
велите; ако не се, тогаш милион уште да ми
кажете нема да бидат доста.

Лучио

Еднаш излегов пред него затоа што на една
девојка ѝ направив дете.

Војводата

Такво нешто сте сториле?

Лучио

Да, навистина сторив; ама морав да одречам.
Инаку ќе ме оженеа со таа скапаница.

Војводата

Господине, вашето друштво повеќе го засмејува човека одошто му причинува чест. Останете со здравје.

Лучио

Жими вера, одам со тебе до крајот на
улицата. Ако муабетот за блудот не ти
одговара, ќе настојувам да зборуваме што
помалку за тоа. Не, оче, јас сум ти нешто
како крлеж: а се закачам, не се откачувам.
(*Излеѓуваат̄.*)

Сцена 4

(Влегуваат Ескало и Анцело.)

Ескало

Секое писмо што го напиша го побиваше претходното.

Анцело

И тоа на совршено несоодветен и сметен начин. Неговите постапки многу личат на настап на лудило. Да се молиме на бога разумот да не му е поматен. И зошто на порти да го чекаме и таму да му ја примопредадеме власта?

Ескало

Не знам.

Анцело

И зошто тоа да го објавиме на еден час пред неговото пристигнување па да може секој, ако бара да се исправи некаква неправда, да поднесе молба на улица?

Ескало

Тој изнесува свои причини за тоа - да може сите жалби да ги разгледа па да нѐ ослободи од подоцнежните оптужби кои после тоа, ќе немаат законска сила против нас.

Анцело

Па убаво, тогаш дајте, ве молам, проглас. Утре изутрина ќе дојдам кај вас да ве викнам.
Известете ги сите луѓе по ред и чин
што треба да го дочекаат.

Ескало

Добро, господине. А сега збогум.

Анцело

Добра ноќ.
(*Излегува Ескало.*)
Чинов ме изрезили до крај, ме направи јалов
и тап за секој потфат. Од невиноста лишена мома
и тоа од висок големец што спроведува закон
токму против тоа! Срамот нејзин нежен
да не ја спречува за губитокот девствен да труби,
би можела ептен да ме искамфузи! Разумот ја држи, сепак,
бидејќи стекнав таква доверба и толкав углед
што ниедна поединечна хула не ми може ништо
ами само хулачот го валка. Требаше да го оставам
во живот, само да не мислев дека дивата негова младост,
опасно настрвена, може еднаш по одмазда да дојде
што со толку срамотна цена, срамотен живот
таа откупи. Па сепак, камо жив да беше.
Боже, штом еднаш душата си ја огрешил веќе,
колата надолу ти тргнува, сакал ти или неќел.
Излегува.

Сцена 5

(*Влегуваат војводата, во својата облека и монахот Петар.)*

Војводата

Врачете ги писмата кога ќе дојде време.
Темничарот намерата наша и планот ги знае
кога ќе тргне работата, држете се до упатствата
што ви ги дадов, имајќи го во вид нашиот наум,
иако понекогаш ќе мора овде онде
да скршните во зависност од текот
на нештата. Одете до домот на Флавиј,
и кажете му каде сум. Пренесете исто
и до Валентин, Роланд и Крас. Нека
трубите до портите ги донесат но првин
Флавиј нека дојде ваму.

Монахот

Сé ќе се среди најбрзо што може.
(*Излегува.*)
(*Влегува Вариј.*)

Војводата

Ти благодарам, Вариј; многу брзо дојде.
Дојди да прошетаме. Уште пријатели наши
ќе нé поздравaт подоцна. Благороден мој Вариј!
(*Излегуваат.*)

Сцена 6

(Влегуваат Изабела и Маријана.)

Изабела

Мразам од околу да зборувам -
вистината чиста би ја кажала, но, всушност,
вие би требало да го обвините, но совет примив
вака да постапам за, како што вели,
вистинската намера да се скрие.

Маријана

Правете што тој ќе ви каже.

Изабела

Освен тоа, вели не требало да се чудам
ако ме нападне на сметка на другата страна,
лек бил тој горчлив за исходот сладок.
(*Влегува монахот Петар.*)

Маријана

Камо монахот Петар -

Изабела

Чекајте, ве молам; монахот еве иде.

Монахот Петар

Ајде; ви најдов најпогодно место
на кое толку ќе му паѓате на војводата в очи
што не ќе може да не ве забележи. Двапати веќе
трубите се огласија. Сите благородни
граѓани од углед веќе стојат на порти
а само што не пристигнал и војводата;
затоа, ајде да одиме, ајде.

Чин ПЕТТИ

Сцена 1

(Влегуваат од една страна Војводата, Вариј со придружба,
а на друга Анцело, Ескало, Лучио, граѓани и службеници.)

Војводата

(*На Анцело*) Добар мој роднино, добро ве најдовме.
(*На Ескало*) Стар мој и верен пријателу, мило ни е
што ве гледаме.

Анцело и Ескало

Среќно ни дошле, ваше величество.

Војводата

На обајцата едно големо и срдечно фала.
За вас се распрашувавме и слушавме толку
добро за вашата правичност што срцето наше
не може да се воздржи па благодарност јавно
ви оддава, капар за наградата што следи.

Анцело

Вие сé посилно ме обврзувате.

Војводата

О, заслугата ваша насекаде ечи и грев би сторил
да ја заклучам во тајните агли на моето срце,
кога заслужува изливање во букви од бронза,
утврден кастел против забот на времето
и мракот на заборавот. Дајте ми рака,
за поданиците да видат и за навек да знаат
дека надворешните знаци на љубезност сета
внатрешна наклоност ја објавуваат. Прид-
дете, Ескало,
морате крај нас да одите од другата страна,
два столба сте ми вие.
(*Одат напред.*)
(*Влегуваат монахот Петар и Изабела.*)

Монахот Петар

Сега ви е време. Клекнете и говорете
гласно.

Изабела

(*Клекнува*) Правда, о војводо кралски! Пог-
ледот втренчете го
во една обесправена - сепак би рекла,
девојка.
Благороден кнезу, не обесчествувајте си го
видот
гледајќи во нешто друго, дури жалбата моја
правична не ја слушнете и додека мене
не ми дадете правда, правда, правда, правда!

Војводата

Во што е неправдата? Кој ви згрешил? Со
што?
Бидете кратки. Господарот Анцело ќе ви
даде правда.
Нему случајот изнесете му го.

Изабела

О кнезу моќен,
ме терате од сотоната правда да барам.
Слушнете ме лично оти она што ќе го кажам
или на глава ќе ми падне ако верба
не му се даде или ќе ве принуди сета кривда
направена врз мене, да ја лечите. Слушнете

ме,
о, слушнете ме, слушнете ме!

Анџело

Господару, се плашам дека таа не е со сите.
Ме молеше мене за животот на брат ѝ
погубен по судот на правдата.

Изабела

(*Сѐтанува*) По судот на правдата!

Анџело

И ќе говори сега чудно и полна пелин.

Изабела

Многу чудно ќе говорам, но и вистиното
многу.
Но не е ли чудно што овој Анџело го гази
зборот? Не е ли чудно што убиец е тој?
Не е ли чудно, многу чудно што овој
Анџело е прељубнички крадец,
дволичник и силеџија на моминската
чедност?

Војводата

Чудно е, илјадапати чудно!

Изабела

И ко што е вистиното дека Анџело е тој
сѐ што говорам е вистинито но и чудно.
Не, илјадапати е вистинито, вистината оти
ќе си остане вистина сѐ до денот суден.

Војводата

Тргнете ја од овде. Кутрата таа,
го говори ова зашто се мрднала од умот.

Изабела

О кнезу, те проколнувам, ако верба имаш
дека и друга има среќа освен нашава земска,
не ме отфрлај туку - така со изговор лесен
дека од умот сум се мрднала. Не го сметај
за невозможно она што неверојатно само
изгледа. Не е невозможно, подлец некој
најлош на светот, да изгледа кротко,
сериозно, правично и беспрекорно како
Анџело; така и Анџело може, покрај сите
одежди, титули, манири и накит, да биде
архи-апаш. Верувај во ова, кнезу кралски,
помалку, тој тоа и не е; но повеќе е кога
би имала повеќе имиња за лошото и злото.

Војводата

Во честа се колнам, ако е луда, а луда е
велам,
дека лудилото нејзино е средено чудно,
па таква смисла врзана прави каква
што досега кај лудак никогаш не сум чул.

Изабела

О војводо благороден,
не удирајте на тоа, не бркајте го разумот
за љубов на неправдата; туку разумот нека
ви служи
вистината да се појави кајшто скриена се
чини,
а невистината да се сокрие кајшто изгледа
точна.

Војводата

На мнозина што не се луди, повеќе разум
им недостига. Кажете што имате! Ве слушам!

Изабела

Јас сум сестра на еден Клаудио,
осуден заради блуд на смрт под секира.
Анџело казната му ја изрече. Јас, баш кога
бев на искушенички испит за прием меѓу
калуѓерките, бев известена од брат ми
преку еден Лучио.

Лучио

Тоа сум јас, ако дозволувате, кнезу.
Од Клаудио отидов кај неа и ја молев

среќата да си ја проба кај господарот Анџело
белким така за јадникот ќе измоли прошка.

Изабела

Тоа е тој, навистина.

Војводата

(*На Лучио*) Никој вас не ве праша.

Лучио

Точно, господару, но не ме ни повика да молчам.

Војводата

Тогаш, сега ве повикувам. Запомнете го ова, молам;
а ако некогаш имате работа некоја своја тогаш молете се на бога да бидете без грешка.

Лучио

Ви гарантирам, господару.

Војводта

Гарантирајте си сам на себе; внимавајте, велам.

Изабела

Господинов кажа делче од приказната моја -

Лучио

Точно.

Војводата

Можеби е точно, но сигурно грешите што зборувате преку ред. (*На Изабела*) И, ве молам?

Изабела

Отидов кај овој гад блуден, замеником -

Војводата

Ова малку лудачки звучи.

Изабела

Простете, ама прикладно е на работата.

Војводата

Да, на работата! Продолжете!

Изабела

На кратко, а неважното го оставам на страна,
како го преколнував, како го молев, му клечев,
како ме одби и како му одговорив тогаш - зашто многу долго траеше - за сега
со болка и срам, срамниот крај да го кажам.
Не сакаше брат ми да го помилува, освен под услов телово негибнато да му го дадам на неговата неумерена похота блудна; по борба
долготрајна, сестринското во мене честа ми ја скрши, па му се дадов. Но утрото уште, страста задоволена, тој испрати налог главата на брат ми да му ја сечат.

Војводата

Уште да е така!

Изабела

Не само што е така, туку еѓтен е така!

Војводата

Ти не знаеш што зборуваш, јадничке луда, или си подбодната со смислен омраз против честа негова. Како прво, тој во исправноста е без грешка. Како второ, бесмислено е тој со толкава жестина

да ги гони гревовите што самиот ги има.
Да згрешил така, тој брат ти со себеси
би го споредил и од бесилка би го спасил.
Некој ве наместил. Вистината признај ја
и кажи по чиј наговор си дошла да се жалиш.

Изабела

Ова е сé? Тогаш, о, вие благословени слуги
небесни, трпение подарете ми, за со време
злото да се открие што завиткано е овде
во дреи на честа! Бог да ја чува вашата милост
од зло, а јас си одам обесчестена, без верба
во никој!

Војводата

Знам, би отишле сега туку-така. Стража!
Однесете ја в затвор.
(*Еден стражар застанува зад Изабела.*)
Зарем да дозволиме толку
бесрамен виор од навреди да се урне
врз оној што ни е толку близок? Сплетки.
Кој знаеше за вашиот наум и за идењето
овде?

Изабела

Некој кој би сакала да е овде: отец Лудовик.
(*Излегува под стража.*)

Војводата

Отец - дух, веројатно. Го знае ли некој тој
Лудовик?

Лучио

Господару, јас го знам. Монах што сегде си
го пика носот.
Не ми се допаѓа. Да не беше духовник, кнезу,
за некои зборови што против вас ги кажа,
додека не бевте овде, ќе го svизнев да свири.

Војводата

Зборувал против мене? Ама добар монах!
Па уште сиротава девојка злобно ја шилкал
против заменикот наш! Најдете го веднаш!
(*Излегуваат еден или неколкумина.*)

Лучио

Токму ноќеска, господару, неа и тој монах
во затворот ги видов. Безочен монах,
низок монах.

Монахот Петар

Благословени да сте кнезу!
Стоев тука блиску, господару, и слушав
како ушите ви ги полнат со невистини. Како
прво,
женава, без трошка срам заменикот ви го
напаѓа којшто ја допрел или дамка
некаква ѝ сторил колку некој нероден
што ја допрел или флекосал.

Војводата

И ние исто толку веруваме.
Го знаете ли тој Лудовик за кого
таа говори?

Монахот Петар

Го знам како свет, побожен човек,
не е низок, ниту пак носот секаде го пика
како што за него рече господинов овде;
и, жими верава, тој човек никогаш не рекол
како што се тврди лош збор за вашата
милост.

Лучио

Рекол господару, и тоа најподло. Верувајте
ми!

Монахот Петар

Убаво, еднаш ќе дојде и ќе се оправда;
но во мигов тој е болен, господару,
од чудна треска. Само по негов налог
бидејќи слушна дека се подготвува тужба
против господарот Анџело, дојдов јас овде
да кажам, небаре тој зборува, што во сето
е лага а што вистина, за што може

да се заколне, за што на испит да се стави
кога и да го викнат. Прво, за оваа жена:
за да се оправда овој благородник вреден,
толку простачки и јавно обвинет, таа ќе биде
пред вас побиена и тоа отворено в лице
така што, на крајот, сама ќе признае.

Војводата

Оче добар, да слушнеме.
(*Излегува монахот Петар.*)
Зарем не се смеете на ова, господару
Анџело?
О боже, колкава е суетата на шутраците
јадни!
Столови дајте ни.
(*Носат столови.*)
Дојдете, роднино Анџело,
во ова ќе бидам непристрасен; бидете сами
судија во работата ваша.
(*Војводата и Анџело седнуваат.*)
(*Влегуваат монахот Петар и Маријана
покриена со превез.*)
Ова ли е сведокот, оче?
Првин лицето нека го покаже, а потоа нека
зборува.

Маријана

Простете, господару, лицето не го покажу-
вам
дури мажот ми не ми каже.

Војводата

Што, вие сте мажена?

Маријана

Не, господару.

Војводата

Дали сте девојка?

Маријана

Не, господару.

Војводата

Вдовица?

Маријана

Ни тоа, господару.

Војводата

Тогаш не сте ништо; ни девојка, ни вдовица
ни жена!

Лучио

Господару, може е уличарка, зашто многу од
нив не се ни девојки, ни вдовици ни жени.

Војводата

Замолчете го оној брат! Камо среќа да има
причина да блаботи за себе.

Лучио

Добро, господару.

Маријана

Господару, признавам дека мажена не сум
била,
а признавам, истовремено, дека не сум мома.
Го познав маж ми, а маж ми сепак
не знае дека некогаш и тој ме познал.

Лучио

Сигурно бил пијан, господару, не знам што
друго.

Војводата

Би сакал, заради благоста на мирот, и ти да
си пијан.

Лучио

Добро, господару.

Војводата

Ова сведочење со Анџело нема врска.

Маријана

Сега ќе дојдам до тоа, господару.
Таа што него за прељуба го оптужува
со самото тоа и мојот маж го тужи,
и на товар токму она време му го става
во кое, под заклетва тврдам, в преграт го држев
со сите последици од љубовта што се раѓаат.

Анџело

Дали и друг, освен мене, таа тужи?

Маријана

Не, колку што знам.

Војводата

Не? Рековте маж ви.

Маријана

Па да, господару, а тоа е Анџело,
кој мисли дека знае дека никогаш ова тело
не го познал, но знае, мисли, дека го познал
телото на Изабела.

Анџело

Чудно обвинение. Покажи го твоето лице.

Маријана

(*Го открива лицето*) Маж ми ми наредува;
маската ја вадам.
Ова е тоа лице, Анџело суров,
за кое некогаш, се колнеше, дека вреди
да се гледа. Ова е раката која цврсто
во својата ја стегна, со заклетва кога
го потврдуваше договорот брачен.
Ова е телото кое Изабела од обрврската
ја спаси па тебе ти се даде во куќата летна
а си мислеше дека е нејзино.

Војводата

(*На Анџело*) Ја познавате оваа жена?

Лучио

Телесно, вели таа.

Војводата

Замолчи, брат! Повеќе да не си писнал!

Лучио

Господару, мора да признаам дека женава ја знам;
пет години има од денот кога за брачен сојуз
се говореше меѓу мене и неа, којшто пропадна,
делумно поради нејзиниот ветен мираз
што наеднаш се скрати, но главно
поради гласот што ѝ излезе дека била
за никаде; во петте години тие
ниту сум зборувал со неа, ни сум ја видел,
нити сум чул за неа; во честа се колнам.

Маријана

(*Клекнува пред војводата*) Благороден кнезу,
ко светлината од небо што слегува, од устата зборот,
и ко што вистината полна е со смисла, а секоја доблест
со вистина, јас сум со свршувачка жена на овој човек
толку цврсто ко зборовите што заклетва прават;
а вторникот ноќта, кнезу, во летната своја куќа
тој ме позна и ко жена. Ако говорам право,
тогаш од колена мирно да се кренам, ако не,
тогаш, ко мермерен споменик, нека останам овде,
смраморена за навек.

Анџело

До сега се потсмевав само.

Сега, господару, дајте цела правда да ја видам,
трпението ми е пред крај. Навистина гледам дека овие слаби, кусоумни жени се само орудие на некоја многу помоќна рака која на ова ги подбоднала. Можност дајте ми кнезу, да го најдам шилкачот.

Војводата

(*Станува*) Да, од срце
и по ваша волја да ги казните. - Ти оче будалест и ти расипана жено здружена со таа што си замина, мислиш ли дека заклетвите твои, па макар во секој светец по ред да си се колнела, се доволен доказ против вредноста негова и угледот негов кои веќе биле искушувани? Вие, чесен Ескало,
седнете со роднината мој; помогнете му вешто
на видело да ја истера заверава и изворот нејзин.
И некој друг монах ги подбоднувал. Веднаш најдете го.
(*Ескало седнува.*)

Монахот Петар

Камо да е овде, господару, зашто тој навистина ги подбодна жениве да се жалат. Темничарот ваш знае каде пребива точно, тој може да го доведе.

Војводата

(*На неколкумина*) Одете, сторете го тоа веднаш.
(*Излегуваат неколкумина.*)
(*на Анџело*) А вие, благороден мој роднино, и имателу на довербата наша, бидејќи ви е важно работава да ја истерате до крај, со нанесените навреди врз вас, по најдобар наум постапете. Мене, за кратко, ќе ме нема, а вие не мрдајте од овде додека со клеветниците
не се пресметате.

Ескало

Господару, до крај работата ќе ја истераме.
(*Излегува војводата.*)
Господине Лучио, нели рековте дека овој отец Лудовик бил нечесен човек?

Лучио

Камилавката не го прави монахот монах; чесен само по дреите; човек којшто многу лошо говореше за војводата.

Ескало

Ќе ве замолиме да останете овде додека тој не дојде, за потоа со ова да го натерате во тесно. Ќе излезе дека овој монах ти е некој фин брат!

Лучио

Ни помалку ни повеќе од кој било во Виена, ви тврдам.

Ескало

Викнете ја таа Изабела повторно овде; сакам да зборувам со неа.
(*Излегуваат неколкумина.*)
(*На Анџело*) Ве молам, господару, дозволете ми јас да поставувам прашања. Ќе видите како ќе ја средам.

Лучио

Не поарно од него, барем како што самата вели.

Ескало

Мислите?

Лучио

Навистина, господине, мислам ако приватно ја средите, веднаш ќе ви признае; веројатно јавно ќе ѝ биде срам.

Ескало

Од околу ќе ја напипувам, да не знае што имам на ум.

Лучио

Така се прави тоа; зашто жените се најлесни на полноќ.
(*Влегува Изабела под стража.*)

Ескало

Пријдете, ве молам; овде има една дама која го побива сé она што го рековте.
(*Влегуваат војводата, преправен на монах, со камилавка на глава и темничарот.*)

Лучио

Господару, еве го никаквецот за кого ви говорев, еве го со темничарот.

Ескало

Токму на време. Не зборувајте со него додека не ве повикаме.

Лучио

Ќе молчам како мртовец.

Ескало

(*На војводата*) Дојдете, господине, дали вие ги натеравте жениве да го наклеветат господарот Анџело? Тие признаа дека сте биле вие.

Војводата

Не е точно.

Ескало

Како? Знаете каде сте?

Војводата

Чест на вашето високо место, а чест често и на сотоната му се оддава пред тронот негов огнен.
Каде е војводата? Тој треба да ме чуе.

Ескало

Војводата сме ние и ние ќе ве чуеме.
Говорете по право.

Војводата

Или без страв, барем.
(*На Изабела и Маријана*) Но, о, кутри души, зарем од лисица дојдовте да барате јагне?
Поарно речете добра ноќ за вашата правда.
Војводата го нема? И вашата правда ја нема.
Неправичен е војводата што одбил да суди по јавната ваша тужба, а судењето пуштил да го води подлецот против кого се жалите.

Лучио

Ова е подлецот, апашот за кого ви говорев.

Ескало

О монаху непречесен, монаху несвет!
Малку ли ти беше што жениве ги натера доблесниов маж да го резилат, па сега уште со погана уста и тоа право нему в лице подлец го нарекуваш и уште преку него и војводата го чепкаш, обвинувајќи го за неправичност?
Водете го веднаш; на тркало со него. Делче по делче
од вас ќе кинеме ама ќе откриеме што сте пониетиле.
Како рековте, ‘неправичен’?

Војводата

Оладете малку. Војводата не смее
ни прст да ми откине како што не смее
свој да си откорне. Не сум поданик негов,
нити сум од овде. Работата моја е да гледам
што се случува овде во Виена, во која видов

како расипаноста клокоти и врие и од умот надвор претекува; закони за секој престап има,
но поддржани се колку и прописите строги што ко опомените по берберниците висат, повеќе за потсмев одошто за почит.

Ескало

Клевета кон државата! Водете го в затвор!

Анџело

Што имате вие против него да изнесете, господине Лучио? Нели ова е човекот за кого говоревте?

Лучио

Тој е, господару. - Елате ваму, господине Ќела. Ме познавате?

Војводата

Ве паметам, господине, по звукот на вашиот глас.Се сретнавме во затворот за време на отсуството на војводата.

Лучио

Аха, така значи? А дали паметите што говоревте за војводата?

Војводата

Како не би паметел, господине.

Лучио

Значи паметите, господине, така? Па дали војводата е женкар, шутрак и кукавица, како што тогаш велевте за него?

Војводата

Вие би морале, господине, да ме замените со себе пред зборовиве да ми ги пикнете в уста. Вие навистина така рековте за него а и уште повеќе и уште полошо.

Лучио

О, ти проклетио ниска! Зарем не те влечев за нос заради она што го велеше?

Војводата

Се колнам дека го сакам војводата како себеси.

Анџело

Сега подлецов полека се потпикнува, да ја заташка работата, откако предавнички се изналаја.

Ескало

Со такви не треба ни да се разговара. Водете го в затвор. Каде е темничарот? Носете го в затвор. Оковајте го во пранги. И нека молчи. Водете ги и овие женишта а и сите други што шурувале со ова друштво.
(*Маријана ја стануваат и ја водат под стража.*)
(*Темничарот го фаќа војводата за рамо.*)

Војводата

Чекајте, господине, чекајте малку.

Анџело

Што, дава отпор? Помогнете му, Лучио.

Лучио

(*На војводата*) Ајде, господине; ајде, господине; господине! Полека малку, господине! Што, ќелав еден, лажлив апаш, морате да носите камилавка, а? Покажете го тоа ваше подлечко лице, чума да ве сотре! Покажете го тоа ваше овцо-лапачко лице, па тогаш нека малку ве обесат! Што, не сака да се извади?
(*Тој ја истргнува камилавката на монахот та се открива лицето на војводата. Анџело и Ескало стануваат.*)

Војводата

Ти си првиот апаш на светот што произведе војвода.
Темничару, како прво, за овие благородни тројца
гаранција давам. (*На Лучио*) Не бегајте, господине,
монахот има уште нешто со вас да разговара. Држете го!

Лучио

Ова ќе испадне малку полошо од бесење.

Војводата

(*На Ескало*) Она што го рековте, ви го простувам.
Седнете. Местото ќе му го земеме нему.
(*Ескало седнува.*)
(*На Анцело*) Господине, со ваша дозвола.
(*Го зема столот на Анцело.*)
Има ли во тебе зборови, дух, дрскост
да ти се најдат при рака? Ако имаш,
на тоа потпри се дури мојот исказ се слуша
ама немој подолго од тоа.

Анџело

О господару мој страшен,
треба да бидам злосторник поголем од мојот
злостор кога би сметал дека е можно да бидам
неоткриен, бидејќи гледам, дека ко божја сила,
вашата милост надгледувала сé што правам.
Затоа, добар кнезу, нека долго не му се суди
на мојот срам, туку признанието мое нека биде
сета истрага моја. Единствената милост за која
ве молам е пресуда брза и ко последица од неа - смрт.

Војводата

Дојдете овде, Маријана.
(*На Анцело*) Кажи, дали беше свршен со оваа жена?

Анџело

Бев, господару.

Војводата

Земи ја и венчај ја веднаш. Монаху, вие церемонијата направете ја; а потоа овде вратете се. Вие, темничару, појдете со него.
(*Излегуваат Анцело, Маријана, монахот Петар и Темничарот.*)

Ескало

Господару, повеќе ме чуди што тој честа си ја урна
од што сум восхитен од чудава.

Војводата

Дојдете овде, Изабела.
Вашиот монах сега е кнез. Ко што бев тогаш верен и посветен на работата ваша, така и сега,
зашто облеката срцето не го менува, сé уште на услуга ви стојам.

Изабела

О простете ми,
што јас, поданик ваш, не познавајќи го вашето величество, ви зададов толку маки.

Војводата

Простено ви е, Изабела.
А сега, девојко мила, и вие милост нам дајте ни. Смртта на брат ви, знам, укма
на срце ви прави и може се чудите
зошто толку таинствен бев настојувајќи животот да му го спасам а не ја покажав веднаш
својата прикриена власт туку го пуштив да страда.
О девојко најмила, мојот наум неговата брза смрт го спречи за која мислев дека побавно ќе оди.

Ама в мир нека почива! Поарен е животот кога
стравот од смртта ќе се прегрми, од животот полн
страв и трепет. Утешете се што на брат ви
ваква среќа му е дадена.

Изабела

Добро, господару.
(*Влегуваат Анџело, Маријана, монахот Петар и Темничарот.*)

Војводата

На овој новоженет човек што приоѓа овде,
чии мечти валкани честа ваша, храбро
бранета, ја навредија, мора да му простите
заради Маријана; но бидејќи брат ви го осуди
- вршејќи на тој начин двоен злостор
врз светата невиност и врз ветувањето свое
поврзано со ова, животот на вашиот брат -
законската правда на цел глас вика
секаде да се чуе, а вика дури и самиот тој:
'Анџело за Клаудио, смрт за смрт'.
Избрзаноста со избрзаност се враќа, самоволието
самоволие си бара; за ова тенџерче, вакво капаче,
за танте - кукуригу. Оти, вината твоја, Анџело,
толку на видело дојде, што одрекуваш ја колку
сакаш, таа секоја олеснителност, ти ја одрекува.
Те осудуваме на смрт под секирата иста
под која Клаудио појде и со иста таква итност.
Водете го.

Маријана

О, господару мој милозлив,
зарем маж ми дадовте само за потсмев?

Војводата

Вашиот маж, маж за потсмев ви даде.
Согласувајќи се честа ваша да се спаси,
тој брак го сметав за соодветен; инаку
обвинувањето за оној близок однос, може
животот ваш да го оскверни и лесно да ја голтне
иднината што ви доаѓа. Зашто имотот негов,
иако по запленувањето станува наш само,
вам, на име на вдовичка издршка, ви го
отстапуваме за подобар да си купите маж.

Маријана

О господару мил,
нити друг, нити подобар маж сакам.

Војводата

Овој попусто го барате; тука сме на чисто.

Маријана

Господару благороден -

Војводата

Не мачете се џабе. -
Под секира носете го. (*На Лучио*) А сега вие, господине.

Маријана

(*Клекнува на колена*) О господару добар! -
Изабело слатка,
придружете ми се; колената позајмете ми ги ваши
па во иднината што иде, цел преостанат живот
само вам ќе ви служам.

Војводата

Ја наговарате против секаква смисла.
Ако клекне и побара милост, духот
на брат ѝ од мермерниот гроб ќе стане
и со ужас ќе ја одвлечка.

Маријана

Изабела,
слатка Изабела, клекнете само со мене.

Рацете кренете ги; не велете ништо. Сѐ јас ќе кажам.
Велат најдобрите луѓе од грев се создадени
а најдобриот мора и малку зло во себе да има.
Можеби и маж ми е таков. О, Изабела,
зарем нема со мене да клекнете?

Војводата

Со смрт ќе ја плати смртта на Клаудио.

Изабела

(*Клекнува*) О, господару штедар,
гледајте, ако ви е по волја, на осуденио ѵ човек
ко брат ми да е жив. Делумно мислам
со должна искреност тој ја вршеше власта
дури мене не ме здогледа. Бидејќи е така,
оставете го во живот. Брат ми со право
беше казнет за делото што го стори.
Чинот на Анџело пак,
не ја постигна опаката намера своја,
и треба да се закопа ко намера само
што на полпат настрадала. Мислата не е дело,
а намерата е само мисла.

Маријана

Само мисла, господару.

Војводата

Молбите ваши не вредат. Станете, велам.
(*Маријана и Изабела стануваат.*)
Сега се сетив на уште еден престап.
Темничару, како се случи Клаудио
да умре во невообичаен час?

Темничарот

Заповед таква примив.

Војводата

Имавте ли посебен налог за чинот?

Темничарот

Не, господару, само порака по гласник.

Војводата

Од должноста затоа ве разрешувам.
Предајте ги клучевите.

Темничарот

Простете, господару голем,
и јас мислев дека е грешка, но не знаев,
а кога подразмислив, почнав да се каам;
доказ за тоа е што в затвор еден човек
го оставив в живот којшто, инаку, по налог
незваничен требаше да умре.

Војводата

Кој е тој?

Темничарот

Се вика Бернардин.

Војводата

Камо и со Клаудио да постапевте така.
Одете и доведете го. Сакам да го видам.
(*Излегува темничарот.*)

Ескало

Жалам што човек толку учен и умен
како вие, Анџело, што ни изгледавте везден,
толку ниско падна, прво од крвта врела
заведен а потоа лишен од здрав разум.

Анџело

Жалам што толкава предизвикав тага.
Толку длабоко тоа ми ги кине покајничкиве
гради што повеќе молам за смрт одошто
за милост; ја заслужив казната и сега
само за неа молам.
(*Влегуваат Бернардин, Темничарот, Клаудио, во маска и Џулиет.*)

Војводата

Кој од нив е Бернардин?

Темничарот

Овој, господару.

Војводата

Еден монах ми говореше за него.
(*На Бернардин*) За тебе велат, братко, дека имаш тврда душа,
што ништо не признава освен овој свет земен
по кој животот си го токмиш. Осуден си на смрт;
но, гревовите земски, ти ги простувам сите
и те молам да ја користиш оваа милост
за подобрата твоја иднина. - Оче, поучете го.
Во ваши раце го предавам. (*На Темничарот*)
Кој ви е овој
забулен вака?

Темничарот

Уште еден затвореник што го спасив,
кој требаше да умре заедно со Клаудио,
а по лик е речиси ист како него.
(*Го одбулува Клаудио.*)

Војводата

(*На Изабела*) Ако е налик на братот ваш, за негова љубов
му простувам; а заради љубовта ваша штедра,
рака дајте ми и речете дека ќе сте моја.
Така и тој брат ќе ми стане. Но за тоа после.
Со ова и господарот Анџело гледа дека е спасен.
Мислам дека видов како погледот му живна.
Па, Анџело, злото од вас полека си оди.
Сакајте ја жена ви, колку вас и таа вреди.
Душава сега ми е спремна на сите да им прости
ама овде има еден што не ќе добие прошка.
(*На Лучио*)
Вие, брат, што ме знаете ко кукавица,
шутрак,
ко раскалашен човек, магаре и лудак
кажете ми, ве молам, со што заслужив толку
високо да ме воскревате?

Лучио

Жими очиве, господару, тоа го говорев оти
таков говор сега е во мода. Ако заради тоа
сакате да ме обесите, обесете ме, ама сепак
повеќе би сакал да ми удрите сто камшици.

Војводата

Првин сто камшици, господине, а потоа бесење.
Објавете, темничару, насекаде низ градот,
ако има жена на која блудников ѝ згрешил,
а го чув самиот како се колне дека има една
што ја збогатил со дете, нека дојде овде
за со него да ја венчаме. Штом заврши чинот
удрете му го камшикот па обесете го.

Лучио

Живи господ, господару, не венчавајте ме со курва. Пред малку вашата висост рече дека јас ве произведов во војвода; добар мој господару, не враќајте ми го долгот со тоа што ќе ме произведете во рогоносец.

Војводата

Во честа се колнам, ќе ја венчаш.
Клеветите ти ги простувам, а и сѐ друго
што имаш за плаќање. - Водете го в затвор,
и гледајте буквално да исполните сѐ што реков!

Лучио

Бракот со ороспија, господару, ви е исто како и ставање на смртни маки, камшикување и бесење.

Војводата

Тоа го заслужува тој што го клевети кнезот.
(*Излегува Лучио под стража.*)

Вие Клаудио, угледот вратете ѝ го на таа
што ја изрезиливте. Радувајте се, Маријана.
Сакај ја Анџело. Бев нејзин исповедник
и доблеста ѝ ја знам. Ти благодарам, добар
Ескало, за добрината твоја. Имаше и многу
други нешта за благодарност вредни. За трудот
и молчењето, ти благодарам темничару;
тебе
ќе те унапредиме на повисоко и поубаво
место.
Простете му, Анџело, што ви ја донесе дома
главата на Дубровчанецот место таа на Клаудио.
Гревот тука сам си се оправдува. Изабела
мила,
имам предлог што се однесува на вашата
среќа;
ако уште го приклоните кон него срцето
свое
сé мое ќе стане ваше, сé ваше ќе стане мое.
(*На сите*) А сега одиме на дворот; таму ќе ви
кажеме на сите
како по ред сé се случи и како ни врвеа
дните.
(*Излегуваат.*)

Ромео и Джулия

Наслов на оригиналот:

Romeo and Juliet

Л И Ц А:

Хор

Ромео
Монтаги, неговиот татко
Монтаги, неговата сопруга
Бенволио, внук на Монтаги
Аврам, слуга на Монтаги
Балтазар, човек на Ромео

Јулија
Капулети, нејзин татко
Капулети, негова сопруга
Тибалт, нејзин внук
Паж на Тибалт
Петручио
Братучетка на Капулети
Негувателка на Јулија

Петар
Самсон
Грегори, слуги на Капулети
Слуги, други
Музичари

Ескало, кнез на Верона
Меркуцио
Париз, гроф, благородници
Паж, на Париз

Отец Лоренцо
Отец Јован
Аптекар
Командир на стража
Други *стражари*

Гости, благороднички, следбеници на Монтаги и на Капулети.

Трагедијата ***Ромео и Јулија*** е од првиот период на творештвото на Вилијам Шекспир. Освен што постојат надворешни податоци дека веројатно е напишана околу 1592 година, првпат поставена на сцена околу 1595 година а првпат печатена во првото кварто издание од 1597 година, самиот начин на кој е пишувана драмата (внатрешните податоци), ја потврдува и нејзината класификација. Делото е пишувано во фин јампски десетерец, без многу опчекорување и со чести рими, доказ дека е создадено во периодот кога во англиската поезија доминира залуденоста по прецизната, чисто љубовна, сонетна форма. Речиси сé е подготвено преку ликовите кои дишат во безопасна, спокојна, понекогаш идилична атмосфера, преку вешто проткаената висока романтика и естетски вербализам, преку полнонадежните говори, за еден *среќен крај* и за една весела, романтична и среќна комедија во која светот е во состојба на постојано, радосно самообновување. Оттука, трагичниот крај како да не се совпаѓа со долго градената атмосфера на оптимизам, верба во животот и опстанокот на убавото во светот. Но таква била желбата на авторот или така го водела приказната, се разбира, позајмена од други автори. Ваквата двојбеност во пиесава: од една страна младешката, оптимистичка, бесмртна страст на самиот писател обземен од лудилото да ја *изгризе* темата наречена љубов а од друга морничавоста, шокантноста и трагичноста на изворната приказна, ја создаваат, ми се чини, онаа изнасиленост на трагичното, неговата видлива, исконструирана природа која, понекогаш, запнува или запнувала во очите на добрите читачи, да го споменеме грофот Толстој, на пример, меѓу другите.

Инаку, не било тешко легендата за трагичните љубовници од Верона, да стигне до исклучително надареният иако не многу образованиот Шекспир. Сé што се вика италијанска ренесанса, со сите нејзини специфики и особености, може да се најде и во ренесансна Англија, само во еден поприземјен превод, во една *пост̄удена* варијанта. Така, во овој случај, легендата за двајцата несреќници најнепосредно му ја доближил на Шекспир и тоа на англиски јазик (тој, освен малку латински и уште помалку грчки не говорел други јазици) Артур Брук (Arthur Brooke) со поемата ***Траг̄ичната̄ ист̄орија на Ромео и Јулија (The Tragical History of Romeus and Juliet)*** објавена во 1592 година. Но денеска никој не го споменува Шекспир заради Брук, туку приказната секогаш е обратна; Брук опстанува, се споменува токму затоа што имал среќа еден генијален автор да *му ја украде* поемата и да изгради, вдахнувајќи душа во штурата, банална приказна, велелепен, поетски паметник на љубовта а преку него да го обезбеди вечниот опстанок на чистата љубов онаква каква што веројатно девствено била доживеана во дворот и собата на Јулија Капулети од Верона.

Трагедијата ***Ромео и Јулија*** кај нас е одамна преведена од поетот Георги Сталев. Не оспорувајќи ги високите поетски вредности на овој превод, овде за првпат донесуваме превод на македонски јазик правен непосредно од англискиот оригинал.

П Р О Л О Г

(*Влегува Хорот.*)

Хорот

Две семејства, по достоинство сосем исти
во убавата Верона, кајшто дејството се води
од памтивек раскарани пак се караат, немаат три чисти
за гуша се фаќаат, секој секого боди.
Кобната пазува на овие два душмани лути
две ѕвезди заљубени на небото денско ѕитка
чиј пад несреќен и трагични рути
со смрт ја погребуваат родителската битка.
Делот страшен за со смрт бележаната љубов
и продолжувањето на кавгата од нивните стари
што само децата нивни ги убива, а ништо не менува друго
два часа сега пред вас, на сценава ќе цари.
Ве молиме за трпение, никој нема да ве дави,
она што недостига, трудот наш ќе го поправи.
(*Излегува.*)

Чин ПРВИ

Сцена 1

(Влегуваат Самсон и Грегорие од домот на Капулети со мечеви и штитови)

Самсон

Грегорие, брате, пак ја вадиме колата од калта.

Грегорие

Никако, не сме sевгар волови, да му се сневиди.

Самсон

Велам, вадиме да не ни ја извадат душата низ нос.

Грегорие

Велам, дури си жив не ќе ја извадиш главата од оглав.

Самсон

Кога ќе ми се стемни, знам брзо да удрам.

Грегорие

Само што не се стемнуваш брзо за да удриш.

Самсон

Доста ми е еден пес од домот на Монтаги па да се стемнам.

Грегорие

Да се стемнеш значи да забегаш, а да бидеш храбар значи да останеш на место, затоа ако се стемниш, речи збогум на умот.

Самсон

Некој пес од тој дом ќе ме натера да не мрднам. Секоја девојка и секое момче од домот на Монтаги ќе наиде на sид.

Грегорие

Тоа покажува дека си мекуш зашто само мекушите се лепат за sид.

Самсон

Така е. Затоа жените како помеки и послаби, секогаш се притиснати за sид; затоа машките на Монтаги ќе ги избркам од sидот, а женските ќе ги притиснам.

Грегорие

Кавгата е меѓу нашите господари и нас, нивните слуги.

Самсон

Сеедно. Ќе бидам тиран: кога ќе им излезам на каршилак на машките, ќе се нафрчам на женските - ќе им ги сечам главите.

Грегорие

Главите ќе им ги сечеш на девојките?

Самсон

Да, главите на девојките или она што кај нив е главно, сфати ме како сакаш.

Грегорие

Тие ќе те сфатат онака како што ќе почувствуваат.

Самсон

Ќе ме чувствуваат мене дури стојам на нозе а добро се знае дека не сум од маче кашличе.

Грегорие

Добро е што не си сом. Да беше никој немаше да те ферма.
(Влегуваат Аврам и други слуги од домот на Монтаги.)
Вади го алатот. Еве ги апашиве од домот на Монтаги.

Самсон

Го извадив и сакам да мавнам на голо. Ти почни ја кавгата, а јас ќе ти го штитам грбот.

Грегорие

Па да ми го свртиш грбот и да збришеш.

Самсон

Бркај работа кога ти велам.

Грегорие

Абе ќе бркам ама со тебе ќе нé избркаат.

Самсон

Гледај законот да биде на наша страна. Нека почнат тие.

Грегорие

Ќе им се исклештам на разминување па нека ме сфатат како сакаат.

Самсон

Не, туку како смеат. Јас пак ќе им го покажам од трите подолгиот; ако премолчат голем срам ќе биде тоа за нив.
(Го покажува од трите подолгиот.)

Аврам

Нам ни го покажувате од трите подолгиот, господине?

Самсон

Само го покажувам од трите подолгиот, господине.

Аврам

Дали нам ни го покажувате од трите подолгиот, господине?

Самсон

(На Грегорие) Дали законот е на наша страна ако кажам ‘Да’?

Грегорие

Не.

Самсон

Не, господине, не ви го покажувам од трите подолгиот вам господине, туку само го покажувам од трите подолгиот, господине.

Грегорие

(На Аврам) Да не барате кавга, господине?

Аврам

Кавга господине? Не, господине.

Самсон

Ама ако барате, господине, ви стојам на располагање. И јас му служам на исто толку добар господар како и вие.

Аврам

Не подобар.

Самсон

Добро, господине.
(Влегува Бенволио.)

Грегорие

Речи подобар. Еве доаѓа еден роднина на господарот.

Самсон

(На Аврам) Да, подобар, господине..

Аврам

Лажеш.

Самсон

Вадете ги мечевите, ако сте мажи. Грегорие, не го заборавај ударот од некни.
(Ги вадат мечевите и се борат.)

Бенволиот

(Го вади мечот) Раздвојте се, будали. Вратете ги мечевите. Не знаете што правите.
(Влегува Тибалт.)

Тибалт

(Го вади мечот) Што, вадиш меч на овие бездушни ‘ртки?
Заврти се, Бенволио. Погледни ѝ в лице на сопствената смрт.

Бенволио

Само ги смирувам. Врати го мечот
или помогни луѓево да ги раздвоиме.

Тибалт

Што, со меч в рака говориш за мир? Го мразам зборот
ко адот што го мразам, сите Монтаги и тебе.
Бори се, кукавицо.
(Се борат. Влегуваат тројца или четворица граѓани, стражари со стапови и ластагарки.)

Граѓаните

Стапови, остени, копја дајте! Удрете! Нека црknат!
Долу Капулети. Долу Монтаги.
(Влегуваат Капулети и жена му.)

Капулети

Што е оваа викотница? Мечот долг дај ми го, брзни!

Г-ѓа Капулети

Патерица, патерица - Што ќе ти е меч?
(Влегуваат Монтаги со изваден меч и жена му.)

Капулети

Мечот, реков. Стариот Монтаги е овде,
и со меч изваден ме прави мајмун.

Монтаги

Подлец еден Капулети! *(Жена му го држи.)*
Пушти ме, не држи ме, гледаш се чепам!

Г-ѓа Монтаги

Ни педа нема да мрднеш за да се тепаш.
(Стражарите се обидуваат да ги раздвојат двете страни.)
(Влегува Војводата Ескало со придружбата.)

Војводата

Рајо бунтовна, душмани на мирот,
хулачи на челиков соседски вкрвен -
Зарем не сакаат да ме слушнат? Еј, сверови, луѓе,

што го гаснете огнот од отровниот бес
со врутокот зовриен од вените што ви шика;
под закана со казна, од крвавите раце веднаш
да сте го фрлиле тоа оружје грдо
за да чуете што има да ви каже распаметениот ваш Војвода.
(Монтаги, Капулети и нивните следбеници го фрлаат оружјето.)
Три граѓански тепачки почнати на ветер
од тебе Капулети и од тебе Монтаги,
трипати го вознемирија спокојот на улиците наши
и направија древните жители на Верона
наметките од плеќи да ги фрлат
па ги заиграат со рацете старите јатагани
чиросани од времето за да ве раздвојат
во чиросаната омраза ваша. Ако само
уште еднаш спокојот го урнете на улиците наши,
со животот ќе го платите рушењето на мирот.
А сега сите други нека си одат.
Ти, Капулети, со мене веднаш доаѓај; а тебе
Монтаги попладнево чекам да те видам
за да ја дознаеш волјата наша за ова
во старата Вилафранка кајшто заседава јавниот суд.
Уште еднаш, под закана со смрт, одете си!
(Излегуваат сите освен Монтаги, жена му и Бенволио.)

Монтаги

Кој повторно ја начна оваа стара кавга?
Говори, внучко; беше тука кога почна?

Бенволио

Слугите на вашиот душман
и вашите веќе се бореа кога стигнав.
Го извадив мечот да ги раздвојам. Тогаш дојде
бесниот Тибалт со исукана сабја
па заглушувајќи ми го со svецкања слухот,
почна да ми мавта со мечот над глава и да го сече
воздухот којшто, неповреден, со презир му се ругаше.
Додека си разменувавме удари и џврчки
се приклучуваа луѓе од обете страни
дури не дојде Војводата, којшто нé раздвои.

Г-ѓа Монтаги

А каде е Ромео- дали денеска го виде?
Се радувам што во бојот воопшто не пријде.

Бенволио

Госпоѓо, еден час пред обожуваното сонце
да sирне низ позлатениот прозорец на исток,
нешто вознемирен излегов малку в поле,
кајшто, под еден честак сикамори
што расте западно од нашиот град,
рано излезен, го видов вашиот син.
Му пријдов, но тој од мене се сокри,
и шмугна во честакот кога ме виде.
Јас, мерејќи ги чувствата негови по моите -
што ме тераа кајшто никој нема да ме најде,
а самиот на себе си бев товар и бреме, -
појдов по своите а не по неговите чувства,
и радо го избегнав оној што радо од мене се сокри.

Монтаги

Многу утра тој таму е виден,
со солзи како ја зголемува утринската роса,
додавајќи на облаците нови облаци од воздишки тешки.
Но веднаш штом сéвеселото сонце
од најдалечниот исток почне да ги влече
темните завеси од зориниот кревет,
од светлината бега дома мојот син тажен,
па во својата самотна се повлекува соба,
панsурите ги спушта, светлината ја тера божја
и вештачка ноќ за себе прави.
Мрачно и кобно расположениево може да е кај човек
ако причината не се отстрани со добар совет.

Бенволио

Стрико добар, ја знаете причината?

Монтаги

Ниту ја знам ниту сака да ми ја каже.

Бенволио

А дали му го испипавте пулсот?

Монтаги

И јас самиот а и мнозина други,
но тој, сам советник си е за чувствата свои,
додуша не знам со колкава искреност,
и толку е таен и толку затворен во себе
и толку непристапен на искушенијата многу
ко некоја пупка гризена од завидлив црв
пред да може да расцути со лисјата слатки
и убавината да му ја предаде на светото сонце.
Да може да дознаеме од каде тагата му иде,
тогаш и лекот лесно ќе го биде.
(Влегува Ромео)

Бенволио

Еве го иде. Ве молам скријте се молкум,
јас најдобро ќе дознаам што тагува толку.

Монтаги

Камо да имаш среќа па останувајќи тука
вистината ја дознаеш. Одиме. Срцево ми чука.
(Излегуваат Монтаги и жена му.)

Бенволио

Добро утро, роднино.

Ромео

Зарем толку млад е денот?

Бенволио

Одвај е девет.

Ромео

Тешко мене, долги се часовите на тага.
Татко ми беше оној што замина толку брзо?

Бенволио

Да. Што тага ги должи часовите на Ромео?

Ромео

Да го немаш она што кога го имаш, ги крати.

Бенволио

Заљубен?

Ромео

Лишен.

Бенволио

Од љубов?

Ромео

Лишен од таа во која сум заљубен.

Бенволио

Тешко со таква љубов, на лик нежна
А безмилосна и груба кога ќе се вкуси.

Ромео

Тешко на таа љубов што навидум мила
Без очи го наоѓа патот свој без сила.
Каде ќе ручаме?*(Гледа крв)* Боже, каков мегдан се водел овде?
Сепак не кажувај ми зашто за сé ова слушнав.
Омраза работела овде но повеќе пуста љубов.
Зошто о, љубов борбена, о, омразо љубена
о нешто од ништо исконски зачнато!
О светлино хмурна, суето трезна,
Хаосе безобличен од навидум облици складни,

Пердуве оловен, чаду сјаен, огну студен, здравје болно,
сону в јаве, што си и не си!
Ваква чувствувам љубов што љубовно чувство не е. Ти
се смееш, не?

Бенволио

Не, роднино, туку плачам.

Ромео

Добро срце, за што?

Бенволио

За тоа што добро едно срце страда.

Ромео

Злосторот љубовен е таков, ти си на клада.
Но јадовите мои и сами на срце ми тежат
а потешки стануваат ако и кај тебе лежат
па ме притискаат двојно. Љубовта што кај тебе ја видов
поголем во мене го прави од чемерот ридот.
Љубовта е чад од баздежот на воздишки без почин,
штом брзгне, оган пламнува во заљубените очи,
штом се стуши, море се полни од љубовнички солзи.
И што уште? Лудило умно што мели,
џвакачка болка и сладок пелин.
Збогум, роднино.

Бенволио

Чекај, не брзај да ме кошнеш,
Ако заминеш без мене, ме навредуваш мошне.

Ромео

Јас? Па јас сум загубен. Јас не сум овде.
Ова не е Ромео; не сум тука, не сум ни онде.

Бенволио

Кажи ми без шега, која е таа што ја љубиш?

Ромео

Што, сакаш да офкам и да ти кажам?

Бенволио

Да офкаш? Не; само стварно кажи која е.

Ромео

На болен речи му стварно аманет да срочи
таквиот збор уште повеќе ќе го столчи.
Но стварно, роднино, сакам една жена.

Бенволио

Дека си заљубен значи, погодив уште веднаш.

Ромео

Добар си стрелец; а и убава е таа што ја сакам.

Бенволио

Убава мета, роднино, побргу се годи.

Ромео

Промаши тука. Не ја годат нејзе од Амор
стрелите; Дијанин ум има таа и збор
и заштитена силно со девственост скапа
Од лакот тенок на детето си нема мака.
Опсада таа не дозволува од зборови што лостат
ни прифаќа средби со погледи блудни,
ни скутот го шири пред свето-заводливото злато.
О, таа врие од убавина; единствено сиромашна ќе стане
кога со смртта и сета убавина ќе ѝ умре.

Бенволио

Значи се заколнала девственоста вечно да ја краси?

Ромео

Да, но така губи зашто титизлукот многу ја гнаси;
убавината изгладнета од цицилукот во кој дише
потомството сигурно од убавина ќе го лише.
Преубава е, препаметна, паметно преубава за покај
Благослов да заслужи што ме фрла в очај.
Од љубовта се откажа и во таа заветна спрега
живеам умирајќи и жив сум за тоа да го кажувам сега.

Бенволио

Слушај ме мене; престани на неа да мислиш.

Ромео

О, научи ме како да престанам да мислам!

Бенволио

Дај им слобода на сопствените очи.
Почни да гледаш и во убавини други.

Ромео

Тоа е начин
уште повеќе нејзините в спомен да ми се вратат.
Пресрекнитe маски лицата што ги љубат на убавите дами
онака грди нé потсетуваат на убавината што ја кријат.
Ослепениот ни на соне да заборави нема
колку е бесценето богатството на видот.
Покажи ми жена полична од сите други
за мене убавината нејзина ќе ми служи
ко потсетник само на онаа што од оваа
најубавата поубава е уште. Збогум,
тешко на заборав да ме научиш можеш.

Бенволио

Ќе те научам да забораваш или ќе си умрам должен.

Сцена 2

(*Влегуваат Капулети, Парис и слугата Петар)*

Капулети

Па и Монтаги обврзан е ко мене
под закана со иста казна, да го чуваме мирот
што не е тешко за старци како нас, мислам.

Парис

Обајцата сте чесни, угледни луѓе,
и штета е што толкава кавга меѓу вас изби.
Но, господине, што велите за барањето мое?

Капулети

Го велам истото што го реков и пред тоа.
Детото мое сé уште е туѓинка на светов;
уште ни четиринаесет не наполнила лета.
Уште двапати барем крајот на летото нека е виден
пред да мислиме дека е зрела невеста да биде.

Парис

И побргу од неа станале мајки среќни.

Капулети

Но побргу и прецветувале, мажени толку рано.
Но пробајте, благороден Парис, срцето освојте ѝ го мило;
волјата моја од согласноста нејзина е само крило,
и штом таа се согласи, во изборот нејзин
лежи благословот мој ко печат на сиот тој чин.
Вечерва во домот мој пир старински се прави,
на кој сум поканил гости многу, велмошки глави
мене многу мили, па еве и вас овде ве канам
пирот да ми го удостоите, порадосен да станам.
Во домот мој скромен, ѕвездената свита сета
вечерва ќе ја видите од која темните неба светат.
И чари што ги чувствуваат момчињата празни
кога убаво променетиот април на петицата ќе згазне
од бабуњосаната зима - задоволство значи такво
меѓу свежите женски пупки на гостењето вакво
во домот мој ќе сетите; чујте ги сите, видете ги сите,
највредната изберете ја со вас да ги минува дните;
во таа бројка и ќерка ми ќе биде сред сите една
што не значи дека на крајот ќе испадне и највредна.
Да одиме сега. *(Му дава писмо на Петар)*
Трчај момче,
нека не ти е уѓе;
низ убавата Верона најди ги овие луѓе
запишани овде и кажи им кога забрзан ќе те видат
дека сакам вечерва гости мои да ми бидат.
(*Излегуваат Капулети и Парис.)*

Петар

Да ги најдам овие чии имиња се овде запишани? Запишано е дека чевларот треба да се матка со својата утија, терзијата со својот калап, рибарот со својата четка, сликарот со своето сертме; но испратен сум да ги најдам оние чии имиња се овде запишани а никогаш не можам да најдам што имиња напишал писарот. Морам да најдам некој учен.
(Влегуваат Бенволио и Ромео)
Еве ми двајца ко порачани.

Бенволио

Ајде бегај! Од еден оган друг се потпалува,
една болка со друг чемер се лечи,
виорот врати го, па свеста се завртува
првиот јад очаен вториот на арно го влечи.
Нова зараза на очи нека ти се фати
па стариот лут отров бргу ќе се трати.

Ромео

Твојот лечбен лист одличен е за тоа.

Бенволио

За што, ти се молам?

Ромео

За твојата скршена писка.

Бенволио

Што ти е Ромео, да не си луд?

Ромео

Не сум луд, туку врзан полошо од лудак; затворен в затвор, држан без мојата храна, камшикуван и мачен и *(На Петар)* Добро вечер, момче.

Петар

Добро вечер. Ве молам, знаете да читате?

Ромео

Да, сопствената коб во сопствената беда.

Петар

Веројатно сте самоук. Но ве молам. дали го читате сé она што го гледате?

Ромео

Да, ако ги знам буквите и јазикот.

Петар

Чесно речено. Останете со здравје.

Ромео

Чекај, момче, знам да читам.
(Го чита писмото.)
'Господин Мартино и неговата жена и ќерки;
грофот Анселме и неговите убави сестри,
госпоѓата вдовица од Витрувио,
господинот Плаченцио и прекрасните негови внуки,
Меркуцио и неговиот брат Валентин,
стрико ми Капулети, жена му и ќерките,
убавата внука Розалина и Ливија,
господин Валенцио и неговиот роднина Тибалт,
Луцио и немирната Хелена.'
Убаво друштво. А каде треба да дојдат?

Петар

Горе.

Ромео

Каде горе?

Петар

На вечера кај нас дома.

Ромео

Чија дома?

Петар

Домата на мојот господар.

Ромео

Всушност првин ова требаше да те прашам.

Петар

А сега ќе ви одговорам без да прашате. Мој господар е великиот, богат Капулети а ако не сте од родот на Монтаги, повелете, ве молам, на пехар вино кај нас. Останете со здравје! (*Излегува.)*

Бенволио

На оваа иста вечерна гозба кај Капулети
ќе вечера убавата Розалина, која толку ја

сакаш,
со сите божествени убавици од Верона.
Да одиме таму, па со непристрасно око
спореди ја нејзе со секоја убавица друга тивка
па ќе видиш дека гулабицата твоја обична е мивка.

Ромео

Кога правоверието на очите мои
таква каже ерес, солзите оган нека се сторат
па тие, неудавени до сега и од цело море
ко еретици и лажговци нека горат.
Поубава имало од саканата моја! Сонцето што сé гледа
од искона не видело ни копија нејзина бледа.

Бенволио

Глупости! Убавината нејзина само со неа си ја мерел,
ќе било поинаку во други да си сверел;
на кристалната вага измери ја ти сама
убавицата своја со некоја друга дама
што јас ќе ти ја покажам на гозбата како свети
па колку твојата е најубава веднаш ќе сетиш.

Ромео

Ќе дојдам, но не за пред такви убавици да стојам
туку за да уживам во сјајот на убавицата моја.
(*Излегуваат.*)

Сцена 3

(Влегуваат госпоѓа Капулети и доилката)

Госпоѓа Капулети

Доилко, каде е ќерка ми? Викни ми ја веднаш.

Доилката

Жими невиноста што на дванаесет ја имав веќе ја викнав. Ej, јагненце, ej, пиленце,
Бог да чува, кај е девојчето? Ej, Јулија!
(Влегува Јулија.)

Јулија

Што е, кој ме вика?

Доилката

Мајка ви.

Јулија

Еве ме, госпоѓо. Што заповедате?

Госпоѓа Капулети

Еве што. – Доилко, излези за кратко.
Мора на само да зборуваме. – Доилко, сепак не оди.
Нема што тука од тебе да се крие. Јасно ти е дека ќерка ми е веќе стасана во годините

Доилката

Така е, до минута знам колку е стара.

Госпоѓа Капулети

Не наполнила четиринаесет.

Дадилаката

Во четиринаесет заби се кладам –а сé на сé немам ни четири,
дека нема четиринаесет. Уште колку има до

Иванден?

Госпоѓа Капулети

Две недели и згора.

Доилката

Згора, здола од сите денови во годината
вечерта спроти Иванден ќе наполни четиринаесет.
Таа и Сузана – Бог душите рисјански да ги варди,
врснички беа. Со бог сега е Сузана;
предобра за мене беше. Но, ко што реков,
токму ноќта спроти Иванден четиринаесет полни,
баш така, велам, добро помнењето ме служи.
Точно поминаа единаесет од земјотресот
а јас ја одбив од цицање – тоа не се заборава лесно –
Од сите денови во годината токму на тој ден
зашто баш тогаш цицката си ја намачкав со пелин
седната на сонце под голубарникот.
Господарот и вие тогаш во Мантова бевте.
Да, да, баш имам акал! Но, ко што реков,
кога го вкуси пелинот на брадавицата
од цицката и сети дека горчи, лудото бебле
го тргна главчето и цело се смурти!
“Трас!” тресна голубарникот! А јас ко попарена,
нормално, скокнав.
А единаесет од тогаш поминаа лета,
зашто тогаш на ноцињa стоеше. Не, што бладам,
море трчкаше и се клатеше низ соба
зашто ден пред тоа челцето си го удри
а маж ми, бог да го прости,
весело мажиште едно, детенцето го крена.
“Опаа!” рече, “сега на нос паѓаш, а кога
позрела ќе станеш, на плеќи ќе паѓаш,
не, Цули?” А, жими крстот, убавото црвче
престана да плаче и рече “Да!”
А шегата сега, гледај, вистина стана!
Ви велам сто години да живеам
ова не ќе го заборавам. “Нели, Цули?” ја праша
а убавото будалче престана да плаче и рече
“Да!”

Г-ѓа Капулети

Доста со тоа. Замолчи те молам.

Доилката

Ќе замолчам, госпоѓо. Ама ми се пука од смеа
кога ќе ми текне дека престана да плаче и рече “Да”.
А, тврдам, ѝ беше никнала на чело
една цумка, наа, ко јајце од гајгур.
Се бапна богами и плачеше горко.
“Да” рече маж ми, “сега на нос паѓаш?
Кога ќе пораснеш има на плеќи да паѓаш,
не, Цули?” Црвчето престана да плаче и рече “Да”.

Јулија

Престани и ти, дадо, замолчи, те молам.

Доилката

Добро де, еве молчам. Господ нека те варди,
ти ми беше најубавото бебе што сум го доела.
Уште да дочекам мажена да те видам
друго ништо неќам.

Г-ѓа Капулети

Тука те чекав, токму за тоа
сакав да поразговараме. Кажи ми, Јулијо, ќерко,
што мислиш ти за мажачката?

Јулија

Тоа е чест за која уште не сум сонувала.

Доилката

“Чест” ами како! Да не ти бев единствена доилка,
ќе речев дека од цицка ја исцица и сета мудрост!

Г-ѓа Капулети

Е, па, еве, размисли за мажачка сега. Помлади од тебе
овде во Верона, угледни госпоѓи,
веќе се станати мајки. Според пресметката моја
тебе те родив тука негде на твои години.
Значи на кусо: доблесниот Парис те сака за жена.

Доилката

Маж, госпоѓице, госпоѓо, маж и пол
му нема рамен на светот, да го земеш и да бегаш.

Г-ѓа Капулети

Летото на Верона нема таков цвет.

Доилката

Така е, тој е цвет; вистински цвет, и јас велам.

Г-ѓа Капуелти

(*На Јулија.)* Што велиш? Можеш велможава да го сакаш?
Вечерва ќе го видиш на гозбата наша.
Прочитај ја книгата на ликот од младиот Парис
и најди ги сластите што перото на убавината таму ги напиша. Испитај ја секоја црта,пруга и види како се согласуваат една со друга.
За сé нејасно што во книгава преубава лежи
во очите побарај го, таму тоа скриено тежи.
На скапоценава љубовна книга, на неповрзаниве чари,
за разубавување уште само корица им фали.
Рибата морето си го има и достоинство се збива
кога убавината убавина во себе скрива.
Нема око што пред книгата не се диви таква
што со златно копче врзува приказна златна
сé негово со мажов ќе го споделиш виден
а имајќи го, ништо помала нема да бидеш.

Доилката

Помала? Никако, само поголема. Жените со мажите растат.

Г-ѓа Капулети

*(На Јулија).*На кусо: дали кон Парис љубов може да ти се роди?

Јулија

Ќе гледам, ако гледањето кон такво раѓање води.
Но сигурно слобода преголема нема да си дадам,
па вашата дозвола да ја злоупотребам, мадам.
(*Влегува Пе̄тар.)*

Петар

Госпоѓо, гостите дојдоа, вечерата е сервирана, вас ве викаат, младата госпоѓица ја бараат, доилката ја пцујат в кујна, сé е наопаку и во хаос. Јас мора да одам да послужувам. Ве молам идете веднаш.

Г-ѓа Капулети

Еве идиме.
(*Излегува Пе̄тар)*
Јулија, грофот те чека со своите моќи.

Доилката

Брзни моме; по дните среќни, посреќни чекај ноќи.

Сцена 4

(Влегуваат Ромео, Меркуцио, Бенволио под маски со уште неколкумина маскирани.)

Ромео

Па дали ко оправдување да одржиме говор
или да бувнеме без извинување?

Бенволио

Речитоста од тој тип не е повеќе во мода.
Не ни треба ни Купидон со врзани очи
што носи лажен татарски лак шарен
и дамите ко страшило на бостан ги плаши
ни на памет набубан пролог
од суфлерот нејасно д'ткан за влез овде.
Нека за нас судат како им е драго,
наше е да изиграме, па фаќаме џаде.

Ромео

Дај ми факел. Не сум баш за ripање.
Бидејќи мрачен, светлина барем да носам.

Меркуцио

А не, Ромео, мора со нас да играш.

Ромео

Не доаѓа предвид. Обувките ваши се лесни,
погодни за играње; а мене душава ми е тучна
кон земјата ме влече и не ми дава да мрднам.

Меркуцио

Ти си заљубен; позајми ги Купидоновите крила
па вивни се со нив над висиниве ниски.

Ромео

Стрелата негова предлабоко ми е внатре
за да се вивнам на леките му крила, па врзан
не можам да се кренам над јадот мој тажен;
под тешкото бреме на љубовта сега паѓам.

Меркуцио

Падни над неа па љубовта ќе стане трудна-
Преголем притисок за работа толку нежна.

Ромео

Што? Љубовта нежна? Таа е прегруба,
пресурова, пренадуена и боцка како трн.

Меркуцио

Ако со тебе е груба, груб биди ти со неа,
ако боцка, боцкај ја и ти, така ќе ја скротиш.
Дај ми маска лицево во неа да го ставам,
над маската маска. Баш ми е гајле
ако љубопитно некое око грдоста ми ја види!
Нека вомјазов тогаш место мене поцрвени!
(*Ставаат вомјази (маски).)*

Бенволио

Ајде, да тропнеме па внатре и штом сме таму
нозете веднаш нека почнат да работат.

Ромео

Дајте ми факел. Нека ветрогоните лесни
подот бесчувствителен со петиците го стружат,
а јас до од искона кажаното ќе се држам.
Ќе бидам држач за свеќи и сé ќе гледам.
Штом играта живне, ќе побудалам и ќе бегам.
(*Зема факел.)*

Меркуцио

Гледам умот те стега, па сé ти е преку носот.
Ако носот ти се пикнал во калта а калта
е љубов во која до уши си зацапал, од неа
бргу ќе те извадиме. А сега напред!
Да не ја трошиме светлината денски!

Ромео

Не е така.

Меркуцио

Мислев господине, двоумејќи се вака божемски,
џабе светлината ја трошиме, ко свеќа да гори денски.
послушај ме, зашто мислата добра во зборот била
пет пати порано одошто во сите сетила.

Ромео

Беше добра мисла на маскарадава да се појде ама сепак е глупо да се оди.

Меркуцио

А зошто ако смеам да прашам?

Ромео

Ноќеска сон сонив.

Меркуцио

Па исто и јас.

Ромео

Што сонуваше?

Меркуцио

Дека сонувачите често лажат.

Ромео

На соне, честопати, јавето ни изгледа стварно

Меркуцио

Гледам ноќеска кралицата Маб те посетила арно.

Бенволио

Бабица е таа на самовилите и во облик
се јавува не поголем од ахат-камен
на показалезот од некој одборник градски
влечена од sевгар атомчиња ситни
преку носевите на луѓето легнати да спијат.
А спиците на чезата се од долги пајакови нозе;
покривчето, од скакулчеви крилца
уздите од водни месечински зраци;
амовите, од најситни пајакови нишки;
камшичето, од ковче на штурче, жилчињата од прав,
колесникот нејзин, мувче едно ситно облечено во сиво,
двапати поситно од змиулесто црвче,
исчепкано од прстето на мрзливо моме.
Кабинчето ѝ е празно корупче од лешник
направено од верверичка-столар или од стрико црвче
од искона прајачи на самовилските чези.
И баш вака катаноќ таа само јури
низ умот на заљубените, па тие за љубов сонуваат;
или по колената на дворјаните, па сонуваат за клањање само;
или по усните дамини, па само целувки сонуваат,
па често лутата Маб со пликови ги шари
зашто здивот си го расипуваат со многу слатки.
Понекогаш таа лунsа по усните на некој адвокат
а тој сонува заработувачка од мерата надвор;
а понекогаш со опашката од некое вакавско прасе
носот ќе му го чешне на некое заспано попче;
па тогаш тој сонува некоја нова пребенда.
Понекогаш минува преку вратот на некој војник
па тој сонува како туѓински сече грла,
пусии фаќа, димискии плени, форсира реки,
пехари полни пие; а потоа, гледај чудо,
Барабани в уши му бијат, па скока и се буди,
и, испалашен од сонот, опцува две-три молитви
И пак легнува да спие. Ова ви е таа иста Маб
што гривите на коњите ги заплеткува ноќе
на кепците плетенките во самовилски им ги плете

кок, којшто еднаш одврзан, голема несреќа носи.
ова е таа вештерка која кога момите на плеќи лежат,
ги притиска и прва ги учи машкиот товар да го крепат кога ќе станат жени.
Ова е таа –

Ромео

Доста, доста, Меркуцио, молкни!
Туку бамбориш без врска.

Меркуцио

Така е. За сонови говорам,
за рожбите на безработниот мозок,
зачнати од ништо, но од мечти пусти,
невистински и празни ко јалов воздух,
понепостојани од самиот ветер, којшто де
смрзнатите ги љуби гради на север,
де, налутен, одеднаш се премислува
па ликот го врти кон југот росен.

Бенволио

И нас ќе нé збрише ветрот за кој говориш.
Вечерата заврши а ние не стигнавме на време.

Ромео

Се плашам пред време, зашто умов кобен
исход ми навестува што сé уште во ѕвездите виси
но што горко ќе зазбифта по текот страшен
со урнебесов ноќешен и рокот ќе му го скрати
на животов презрен, во градиве пикнат,
на начин некој лукав со предвремена смрт.
Но тој што го држи кормилото од мојот живот
и бродот нека ми го води! Напред,
побратими мои бодри!

Бенволио

‘Рзни со барабанот, така!
(*Излегуваат.*)

Сцена 5

(Влегуваат Петар и другите слуги со крпи.)

Петар

Каде е тој Тенџерчија, да му се сневиди, кој ќе сервира, а? Туку само нешто менува, туку само нешто потскусува!

Првиот слуга

Не чини работата кога доброто однесување паѓа во рацете на еден или двајца, а рацете не се чисти.

Петар

Надвор со тие столчиња на преклоп, тргнете ми го и ова креденче, пазете со чиниите. Гледај мори да ми скриеш едно парче марципан, а ти, душичке, кажи му на вратарот да ги пушти Сузи Алапачата и Нела. Еј, Антон, Тенџерчијо!

Вториот слуга

Еве сме, де, полека.

Петар

Ве бараат, ве викаат, им требате, им сте неоходни во големата одаја.

Првиот слуга

Не можеме одеднаш да бидеме на сите страни. Да живнеме малку, дечки!На работа, па кој ќе преживее нека ќари!
Излегуваат и влегуваат местејќи маси и столови.Влегува музиката а потоа од едната страна Капулети, жена му, Јулија, Доилката, Тибалт, Петручио и сите гости а од другата маскираните Ромео, Бенволио и Меркуцио.

Капулети

(На маскираните)
Добро ми дојдовте, господа! Со вас ќе

играат дами
без плускавици на нозе. Ха, госпоѓи мои,
која од вас сите
ќе се дрзне да не игра? Пребирливите, велам,
плускавици ќе добијат. Ве уплашаив, а?
Така?
Добродојдовте, господа. И јас некогаш ко вас
сум носел маска и можев на уво да им шептам
на убавиците предивни сказни што многу
им годеа. Така беше, така беше, ама само беше.
Добро ми дојдовте господа. Засвирете музичари.
Музиката свири а маскираните, гостите и дамите играат. Ромео стои на страна.
Место, место! Направете место и заиграјте моми!
(На слугите) Уште светло, легачи и склопете ги масите!
Угаснете го огнот! Станува претопло овде.
(На роднината) Момче, оваа ненадејна забава
добро испадна, не?
Само седи, седи кога ти велам, роднино Капулети,
Одамна ни помина времето за играње.
Капулети и неговиот роднина седнуваат.
Кажи ми, колку време има од кога ти и јас
Сме биле во маски?

Роднината Капуелти

Жими богородица, едно триесет години.

Капулети

Зарем толку? Чекај, не, нема толку.
Колку и да е блиску Дуовден, од свадбата
на Лученцо нема ни дваесет и пет години
а тогаш бевме под маски.

Роднината Капулети

Повеќе, повеќе. Син му господине,
Има триесет.

Капулети

Што зборуваш? Пред две години
беше пилиштарец.

Ромео

(На слугата) Која е онаа дама што раката ја краси
на оној витез?

Слугата

Не знам, господине.

Ромео

О, таа ги учи факлите да горат сјајно!
На образот од ноќта чинам виси тајно
ко бесценет алем на увото од Еѓупка -
убавина што не се троши, срцето на светот
по неа тупка.
Ко гулабица е снежна меѓу јато врани,
дамава што игра меѓу другачките збрани.
Штом запрат, ќе ѝ пријдам кајшто седи така,
ќе ја допрам да ми се благослови грубава рака.
Дали срцево љубело до сега? Одрекнете очи, ете,
ваква не сум видел убавина до оваа вечер.

Тибалт

По гласот мислам, овој ќе да е Монтаги.
Мечот момче донеси ми го.
(Излегува слугата)
Што, зарем робов се дрзнал
овде да дојде, скриен под грда маска
да ја презира и плука свеченоста наша?
Жими честа семејна, да го убијам ко куче
без грев на душа ќе седнам утре на ручек.

Капулети

Што е, роднино, што си се возбудил гневно?

Тибалт

Стрико, Монтаги е овој, душманиште наше

ревно,
подлец што дошол овде инает да ни тера
да нé резили, да нé срами токму на вечера.

Капулети

Младиот Ромео, не?

Тибалт

Токму тој, подлецот Ромео.

Капулети

Воздржи се, роднино строен, остави го на мира.
Се однесува тој како господин вистински,
и, што е право, цела Верона го фали
како доблесен и учтив млад човек.
Не би сакал за сето богатство на градов
некој со нешто во мојата да го навреди куќа.
Затоа стрпи се, прави се ко да не е тука.
Ова го барам и ако почит кон мене имаш,
биди љубезен и престани да се муртиш,
не ти личи однесувањето за ваква гозба.

Тибалт

Личи штом подлец таков на гости ни дошол.
Нема да го поднесувам.

Капулети

Ќе го поднесуваш кога ти велам.
Види го ти него, има да слушаш. Да не си глув?
Кој е овде газда, јас или ти? Ќе ме слушаш-
Нема да го поднесувал! Бог нека ни е на помош.
Сака гостите да ми ги растревожи, силеџија пред сите
да изигрува! И тоа овде, во мојата куќа!

Тибалт

Ама стрико, срамота е.

Капулети

Што? Ти ќе ми кажеш?
Ама си бил дрзок! Види, види, кој би рекол?
Ќе ми платиш за ова, ти велам. Мене најде
инает да ми тераш. И тоа токму овде и сега -
(Играта завршува. Јулија се враќа на своето место кајшто ја чека Ромео.)
(На гоститe) Така, деца, од срце! (*На Тибалт)* Црвја имаш ти во газот. Смири се или - *(На слугите)* уште свеќи, уште свеќи! - *(На Тибалт)* Срам да ти е,
ќе те научам јас на ред. *(На гоститe)* Весело, весело, деца!
(Музика повторно свири, гоститe играат.)

Тибалт

Штом спокој наметнат со гнев свесен внатре ми вријат,
сиот се тресам, битки страшни во мене се бијат.
Ќе си одам, но наметнатово што се вели
кога тогаш ќе брзгне во јад и пелин.

Ромео

(На Јулија допирајќи ја по рака)
Ако го сквернавам со безвреднава рака
светово место, поблагороден грев нудам:
усниве, двајца аџии вцрвени, стојат овде така
да го збришат светогрдието со целувка луда.

Јулија

Аџио добар, не хули по рацете штедро,
што побожност шират со чинот нивен.
Светците со аџиите се ракуваат ведро
тоа е бакнеж светечки, аџиски здивен.

Ромео

А зарем светците се без усни, аџиите свети?

Јулија

Не се аџио, ама тие им се за молитва да сторат.

Ромео

О светице, тогаш усниве ко рацете нека чинат
слушни ги, за спас од очајов те молат.

Јулија

Светицата не мрда, иако за молитви не е нема.

Ромео

Тогаш не мрдај, плодот молитвен да го земам.
(Ја бакнува.)
Вака од усниве, твоите ми го зедоа гревот.

Јулија

Значи на усниве ми е гревот од тебе земен.

Ромео

Грев од усниве мои земен? О, ама е сладок дево!
Врати ми го веднаш.
(Ја бакнува.)

Јулија

Ама бакнуваш! Да падне човек на теме!

Доилката

Госпоѓице, мајка ви сака со вас да зборува.
(Јулија оди кај мајка ѝ.)

Ромео

Која е мајка ѝ?

Доилката

Ама сте зелен момче,
мајка ѝ е господарка на оваа куќа,
одлична госпоѓа, доблесна и умна.
Ќерката со која говоревте сега јас ја доев.
Ви велам, тој што нејзе ќе ја земе
треба да лежи на пари.

Ромео

(За себе) Капулети значи!
Страшна сметка! Се заложив душманот да ме мачи!

Бенволио

Ајде, одиме, видовме што имаше да се види.

Ромео

Да ама допрва немир на срце ќе ми иди.

Капулети

Чекајте, господа, не одете си така брзо.
Има уште нешто за поткаснување.
(Му шепотат на уво.)
А, така значи? Тогаш, ви благодарам на сите.
Ви благодарам, чесни луѓе. Добра ноќ.
Дајте уште факли ваму! На спиење сега.
(На братучедот) Уф, братче, доцна е, доцна.
Си легнувам.
(Излегува Капулети а по него и гостите.)

Јулија

Дојди ваму, дадилко. Кој е оној господин?

Доилката

Синот, наследник на стариот Тибериј.

Јулија

А оној што сега излегува низ врата?

Доилката

Тој е, мислам, младиот Петручио.

Јулија

А оној зад него што не сакаше да игра?

Доилката

Не знам.

Јулија

Оди и прашај како се вика.
(Доилкаѓа оди.)
Ако жена има,
тогаш гробот ќе ми биде постела брачна.

Доилката

(Се враќа) Се вика Ромео и е Монтаги,
син единец на вашиот голем душман.

Јулија

(На сѓрана) Љубов единствена од единствената омраза ми никна!
Прерано те спознав, предоцна при себе ме викна!
Чудовишна љубов кобно сега ми се раѓа
штом душманот презрен да го љубам ми се паѓа.

Доилката

Што кажуваш? Што кажуваш?

Јулија

Стих еден што од еден играч
пред малку го научив.
(Некој од внаѓре вика 'Јулија'.)

Доилката

Еве нé, сега.
Да одиме. Последниот гостин веќе бега.
(Излеѓувааѓ.)

Влеѓува Хороѓ

Старата страст на умирање сега лежи,
а младата брза наследничка да ѝ биде;
веќе не цвета чарта на таа што кон смрт тежи,
нежната Јулија поубава,еве, иде.
Сега Ромео го љубат и тој љуби,
од очи маѓепсан, занесен амка;
тој божем душманката не сака да ја губи
а таа се лости по љубовната мамка.
Држан за душман, пристап таков тој нема
заклетвата љубовничка кај неа да ја вметне
а и таа, иако вљубена, не може во шема
па ново саканиот згодно да го сретне.
Но за средба, времето средства, страста моќ им дава,
стравот сотирајќи го со страствена лава.

Чин ВТОРИ

Сцена 1

(Влегува Ромео.)

Ромео

Каде да бегам кога срцево ми е овде?
Врти се земјо глупа, оската најди ја своја.
Се врти и се повлекува.
(Влегуваат Бенволио и Меркуцио.)

Бенволио

(Вика) Ромео, роднино Ромео, Ромео!

Меркуцио

Мудар е, жими крстов, се искрал дома в кревет.

Бенволио

Наваму истрча и онде скокна преку ѕидот.
Викај Меркуцио.

Меркуцио

Не, со магија ќе го мамам.
Ромео! Ај нетокму! Мрднат! Заљубен!
Цопнат!
Појави се во присен на воздишка барем.
Еден стих само кажи и ќе бидам среќен.
Викни 'Леле!' Римувај ги барем 'крила' со 'мила'.
На мојата Венера кажи ѝ некој збор убав
прекар смисли за слепиот наследник, син нејзин
младиот Адам Купидон, којшто вешто го погоди со стрела
кралот Кофетуа кога овој во бедно се зацапа моме. –
Нити слуша, нити се јавува, нити пак прета.
Мајмунот е мртов и мора магија да му сторам.
Те призивам во име на сјајните очи на Розалина,
на високото ѝ чело и румените усни,
на ноџињата тенки, колковите цврсти
и во име на сиот комшилук близок
цел пред нас веднаш да се створиш.

Бенволио

Ако те слушне, ќе побудали од бес.

Меркуцио

Ова нема да го збесне. Би збеснал
да домамам некој дух во кругот на неговата мила
дух на некој чудак, па таму да му стои
дури таа не го легне и сосем да го сотре.
Тоа злобно би било. Призивањево мое
чесно е и фино. Во име на неговата сакана
го призивам само да воскресне.

Бенволио

Да одиме, се скри тој меѓу дрвјата
само за да се дружи со ноќта влажна.
Љубовта му е слепа па најпријатно му е во темно.

Меркуцио

Да му е слепа нема целта така да ја годи.
Под некоја мушмула легнат си е така
па мечтае саканата да му е плодот нејзин
што момите отворено-газе го викаат кога на само

се кикотат. О Ромео, нека е, о нека е таа
отворено-газе, а ти крушка шилеста.
Добра ноќ, Ромео! Во својот асли-кревет
одам.
Овој поле-кревет престуден е за мене.
Одиме?

Бенволио

Одиме! Попусто е да го бараме оној
што не сака да биде најден.
(Излегуваат Бенволио и Меркуцио.)

Сцена 2

(Ромео истапува напред)

Ромео

Кој ранет не бил, на лузните им се смее.
Но тивко, што светлина низ оној прозорец
блеска?
Таму е исток а сонцето е Јулија.
Огреј, јасно сонце, умри ја завидливата луна,
што веќе е болна, бледа и полна тага
а ти, следбеничка нејзина, стопати од неа
поубава.
Не слугувај ѝ нејзе, завидливка е таа.
Весталка чие руво болежливо и бледо
само глупачки го носат; отфрли го.
(Влегува Јулија горе)
Еве ми ја господарката, еве ја љубовта моја.
О камо да знае дека ми е ова!
Говори, а не вели ништо. Што е важно?
Погледот нејзин зборува; ќе говорам со
него.
Дрзок сум премногу. Не ми се обраќа мене.
Две најлични ѕвезди на сводот небесен
поради нешто, очите ѝ ги молат
во сферите да светат до враќањето нивно.
Што ако очите ѝ се на небо, а ѕвездите на
лице?
Сјајот на лицето нејзино ѕвездите ќе ги зас-
рами
ко виделото денско свеќата; нејзините очи
на небо
низ вилаетите воздушни толку ќе светат
што птиците ќе пропеат мислејќи дека е
дење.
О, види како образот на рака го спушта.
О, камо да бев ракавица на таа рака,
па образот да ѝ го допрам!

Јулија

Тешко мене.

Ромео

(На страна) Таа зборува.
О, зборувај само, ангелу светол; зашто ти
болскаш во оваа ноќ над мене

ко крилест гласник небесен
што свети над ококорените, восхитени очи
на смртниците што, свртени назад, во него се џарат
кога во мрзливите облаци се вгнездува
и едри на градите од воздушните далги.

Јулија

(Не знае дека ја слуша Ромео)
О Ромео, Ромео, што си ти Ромео?
Откажи се од татко ти, отфрли го името,
а ако неќеш, заколни се дека ме сакаш
и јас повеќе нема да сум Капулети.

Ромео

(За себе) Да слушам уште или да ѝ вратам?

Јулија

Само името твое ми е душман.
Ти си тоа што си и да не си Монтаги.
Што е тоа Монтаги? Не е ни рака, ни нога,
ни дланка ни лице ниту кој било друг дел
од еден човек. О, зошто друго немаш име!
И што има во едно име? Трендафилот и под друго
име исто така убаво ќе мириса.
Така и Ромео, да не се вика Ромео,
ќе го задржи она мило совршенство што го има
и без името свое. Ромео, отфрли го името
а место името - кое не е дел од тебе -
земи ме мене.

Ромео

(На Јулија) Те фаќам за збор.
Викај ме сакан па друго име ќе земам
и повеќе нема да се викам Ромео.

Јулија

Кој си ти што вака наметнат со ноќта
ми бувна во мислите мои?

Ромео

Со какво име
не знам ни сам да ти се претставам.
Името мое, светице мила, самиот го мразам
зашто непријател за тебе е тоа.
Да е напишано, парампарче ќе го сторам.

Јулија

В уши од устата твоја ни сто зборови
не сум примила, сепак звукот им го знам.
Зарем не си ти Ромео и Монтаги?

Ромео

Не сум ни едно ни друго, моме лично, ако
обете не ти се по ќеф.

Јулија

Како дојде овде, кажи ми и зошто?
Ѕидот од градинава е висок, за качување тежок,
а местово смрт за тебе, со оглед кој си,
ако некој роднина мој овде те види.

Ромео

На леките крила од љубовта преку ѕид скокнав,
зашто каменава брана за љубовта не е пречка,
а љубовта го може она на што ќе се дрзне.
Затоа роднините твои не можат да ме сопрат.

Јулија

Ако те видат, ќе те убијат веднаш.

Ромео

Нема; поголема опасност демне од очите твои
одошто од дваесет нивни меча. Гледај ме мило,
и омразата нивна не ми може ништо.

Јулија

Не би сакала ни случајно да те видат овде.

Ромео

Од погледите нивни, ноќта ќе ме штити,
но ако не ме сакаш, нека тука ме најдат.
Поарно да умрам од омразата нивна
отколку, нељубен од тебе, да ја одлагам
смртта.

Јулија

Кој ти го покажа патот до овде?

Ромео

Љубовта што прва ми даде поттик.
Таа совет ми даде, а јас нејзе очи.
Јас не сум крмар, па сепак далеку да беше
ко брегот широк миен од најдалечно море
ќе запловев кон тебе по такво бесценето
благо.

Јулија

Знаеш дека ликот ми го крие вомјазот ноќен
инаку ќе видеше како крвта в образи ми ита
за она што го чу во мракот што го реков.
Пристојна би сакала да бидам, пристојна,
она што го реков
да го одречам; ама обзири збогум.
Дали ме сакаш? Знам ќе речеш 'Да',
а јас ќе поверувам. Ако се заколнеш сепак
може да изневериш. На љубовничка изневера, велат,
Јупитер се смее. О Ромео нежен,
ако ме сакаш, кажи навистина дека е така;
Или ако мислиш дека пребрзо ме освои
ќе почнам да се муртам, ќе бидам опака, ќе
речам "не"
ако ме побараш; инаку за ништо друго на
светот.
Всушност, личен Монтаги, зацапана сум до
уши,
па можеш да помислиш дека сум многу
лесна.
Но верувај ми, господине, поверна ќе бидам
од оние што вешто воздржаност глумат.
Повоздржана, признавам, сигурно требаше
да бидам
но ти ја слушна пред да станам свесна,
искрената страст моја. Затоа прости,
не го сфаќај, те молам, ко повик на лесна
љубов
она што ноќта црна тебе ти го откри.

Ромео

Госпоѓице, во благословената месечина ти
се колнам
што овошните врвови ги полева со сребро-

Јулија

О не колни се во месечината, неверната луна
што месечно се менува на патеката кружна,
да не испадне неверна и љубовта твоја.

Ромео

Во што да ти се заколнам?

Јулија

Не колни се во ништо,
или ако веќе се колнеш, заколни се во себе,
идолот што бескрајно го обожувам,
па ќе ти верувам.

Ромео

Ако љубовта на срце што ми лежи-

Јулија

Немој, не колни се. Иако радост безмерна
ми носиш
договоров ноќешен не ме радува многу.
Пребрз е, неразмислен, ненадеен еитен,
налик на молња што исчезнува бргу
уште пред да кажеш 'светка'. Мил мој, добра
ноќ.
Оваа пупка љубовна зреечкиот здив летен
во убав цвет може да ја расцути на следната
средба.
Добра ноќ, добра ноќ. Мир нека ти се всади

на срце ко спокојот што го имам в гради.

Ромео

О, зарем ќе ме оставиш без утеха вака?

Јулија

Каква утеха вечерва од мене бараш?

Ромео

Завет дека љубовта со љубов ми ја враќаш.

Јулија

Непобаран уште побрзав да ти го дадам
а сега би сакала пак во мене да е.

Ромео

Сакаш да си го вратиш? Зошто, мила?

Јулија

За од срце повторно да ти го дадам.
А сепак го сакам она што веќе го имам.
Дарежливоста моја без дно е како море,
и љубовта исто. Што повеќе давам
повеќе ја имам; зашто неисцрпни се и двете.
(Доилката вика однадвор.)
Слушам шум од куќата. Сакан мој, збогум.-
Идам, дадо добра! - Монтаги мил, верен биди.
Почекај малку; ќе се вратам.
(Излегува.)

Ромео

О ноќ, ноќ благословена! Се плашам
во ноќта скриен, да не е ова само сон,
сон преубав, преблажен за да биде јаве.
(Се враќа Јулија.)

Јулија

Три збора уште, мил Ромео, па добра ноќ стварно.
Ако намерите љубовни навистина ти се чесни,
а целта брак, јави ми утре
по лицето што ќе го испратам да те сретне,
каде и во кое време церемонијата да се сврши
па сета судбина своја во твои ќе ја ставам раце,
и ќе те следам ко маж мој до крајот на светот.

Доилката

(Од надвор) Госпоѓице!

Јулија

Идам веднаш. *(На Ромео)* Но ако не си искрен
те молам-

Доилката

(Од надвор) Госпоѓице!

Јулија

Идам, идам. -
По мене не иди и на болката остави ме своја.
Утре лицето го праќам.

Ромео

Жими душава-

Јулија

Илјадапати добра ноќ.
(Излегува.)

Ромео

Илјадапати поцрна без тебе ќе ми биде.
Ко ученичe кон саканата одиш на крила качен
а од нејзе се враќаш потиштен и смрачен.
(Тргнува да си оди.)
(Се враќа повторно Јулија.)

Јулија

Псст, Ромео! Псст! О глас на соколар да имам
па соколот мој личен да го домамам назад.
Но ропството е зарипнато а гласот не е грлен,
инаку пештерата би ја дупнала Ехото кајшто спие
за гласот негов воздушест позарипнат од мојов
по Ромео без престан да вика. Ромео!

Ромео

Душата моја името гласно ми го вика.
Колку сребрено-слатко звони говорот на заљубените ноќе
ко најнежна музика за изострен слух!

Јулија

Ромео!

Ромео

Мила?

Јулија

Во колку часот утре
човекот да го пратам?

Ромео

Во девет.

Јулија

Ќе бидам точна. Дваесет години има до тогаш.
Заборавив зошто назад те викнав.

Ромео

А да останам додека не се сетиш?

Јулија

Нема да се сетам само за да седиш тука
за да не заборавам колку сакам да сум со тебе.

Ромео

А за да не се сетиш ќе стојам овде
и ќе заборавам дека друг дом некаде има.

Јулија

Разденува. Сакам да беше веќе отиден -
ама сепак не подалеку од птичка на палаво дете
што ја пушта да првне малку од неговата дланка
ко пленик кутар а потоа со свилен конец назад ја враќа
слободата кратејќи ѝ ја зашто ја сака.

Ромео

Би сакал да ти сум твоја птичка.

Јулија

И јас исто.
Сепак би те убила од галења многу.
Добра ноќ, добра ноќ. Разделбата е толку слатка тага
што до утре би ти велела добра ноќ без достага.

Ромео

Нека сон на клепки ти падне, спокој на гради.
(Излегува Јулија.)
Камо да сум ти сон и спокој на градите млади.
Кај духовникот свој одам да ме поучи.
Совет да ми даде за убавината што ми се случи.

Сцена 3

(Влегува отец Лаврентиј, со кошница)

Отец Лаврентиј

Сивоокото утро на ноќта муртава ѝ се смешка,
осветлувајќи го истокот по облачестата плешка,
ко пијаница тетерави темницата сура
по патот кајшто врви Титановата тура.
Сега, пред сонцето да грејне со сјајната коса
денот да го поздрави, да ја исуши ноќната роса,
морам до рам да ја наполнам кошницава веќе
со замбаци, цркало, благородно цвеќе.
Земјата, мајка на природата, гробница е нивна,
но гробов овој и утроба е дивна,
а од гробницата од секакви сорти млади
се дојат, цицаат од природните гради,
многу доблести секој за себе си тепа
одлични дури, а различни се сосем сепак.
О благословена е дивната лиџба што лежи
во расјето, билките, камењата, кога верно тежи,
зашто ништо под небо не расте толку подло
што на земјата може да му даде толку добро;
и ништо толку добро што злоупотребено
се изопачува страшно, станува злочлено.
Доблеста станува порок, тргне ли по лоши дела
а порокот некогаш со дело, до доблест се крева.
(Влегува Ромео.)
Под нежната кора на цветов ноќен
и отров се крие но и лек моќен,
го мириснеш ли, те опива, в живот те враќа,
но штом го вкусиш, во смрт сигурна те праќа;
два закрвени крала ко в билка и во човекот се кријат
добриот и лошиот жестока битка бијат;
кајшто лошиот над добриот победа вади,
таму веднаш црвот на смртта билката ја јади.

Ромео

Здраво живо, оче.

Отец Лаврентиј

Жив да си ми чедо.
Кој јазик ран ме поздравува толку мило?
Синко, само главата во која немири се ројат
толку рано се простува од постелата своја:
грижата бдее во очите на старците често,
а кајшто грижата гризе, сонот не фаќа место:
но кајшто младоста чиста, со мисла лесна
телото го спружи, таму сончец златен царува со песна.
Оттука раноста твоја со сигурност ми вели
те кренале од постела немири тешки, врели:
а ако не е така, тогаш нема зошто да се ломам,
јасно ми е дека Ромео воопшто не се прибрал дома.

Ромео

Второво е точно, починката таква ми е мила.

Отец Лаврентиј

Бог нека ти прости, да не си бил со Розалина?

Ромео

Со Розалина никако оче, нека ми прости адот,
го заборавив тоа име и од тоа име јадот.

Отец Лаврентиј

Таков те сакам синко, но во каква си, тогаш, каша?

Ромео

Ќе ти кажам оче пред повторно да ме прашаш:
кај душманот мој бев на пијачка и храна,
а таму одненадеж некој длабока ми отвори

рана
ко што му отворив и јас: спасувачката и нејзина и моја
сега од помошта зависи и од билката света твоја.
Во себе омраза немам, оче: срцево ми е лесно
зашто и за душманот, без задршка те молам чесно.

Отец Лаврентиј

Биди јасен синко, јасност од душа нека ти роси,
нечистата исповед, нечист опрост носи.

Ромео

Тогаш најјасно знај љубовта најчиста ми се вети
на убавата ќерка од богатиот Капулети:
ко јас што ја љубам, така и таа ме љуби
се е сплотено, освен она што ти треба да го сплотиш
со брак свет; кога, како и каде
се сретнавме, побаравме и збор се даде
ќе ти кажам попат, а сега молбиве чуј ги мои
сакам уште денеска во свет брак да нé споиш.

Отец Лаврентиј

Господе боже, зарем толку бргу умот си го смени?
Зарем Розалина колку до вчера срцето што ти го плени
сега одеднаш ја нема? Значи љубовта кај сите млади
не од срцето, туку од очите им чади.
Исусе, Марио света, колкава река солена ти мина
низ образот блед само за таа пуста Розалина!
Колку вода солена потрошена за џабе
за на крајот љубовта блантава да стане.
Сонцето уште од небото воздишките ти ги чисти
плачот твој стар уште во ушиве ми се бистри:
гледај, на образот уште дамка ти се лее
од солзата стара што уште исушена не е.
Ако ти беше ти, а макиве твои од севте
тогаш и ти и маките за Розалинда бевте.
Ако навистина си сменет, тогаш мислава важи:
и жените смеат да грешат штом слабаци се сите мажи.

Ромео

Ти често ме кореше заради Розалина.

Отец Лаврентиј

Што се губиш а не што љубиш, будалетинко фина.

Ромео

Сакаше в гроб таа љубов да ми свене.

Отец Лаврентиј

Но не една да умре за друга да се крене.

Ромео

Те молам, не кори ме, нејзе сега ја љубам,
по милост и љубов во соодветна е руба
и, за разлика од другата, не сакам да ја губам.

Отец Лаврентиј

Првата знаеше, море дури и бетер,
дека љубовта ти е приказна срочена во ветер:
ама ајде, стоумнику млад, еве со тебе идам,
на некој начин твој помошник, да ти бидам,
зашто на крајот, може браков да прерасне во убост
омразата меѓу домовите во најчиста љубов!

Ромео

Да одиме, многу и се брза на мојата лаѓа.

Отец Лаврентиј

Полека. Брзата кучка слепи кучиња раѓа.
(Излегуваат.)

Сцена 4

(Влегуваат Бенволио и Меркуцио)

Меркуцио

Каде е овој Ромео, да му се сневиди? Не си дојде дома ноќеска?

Бенволио

Дома кај татко му - не. Разговарав со неговиот слуга.

Меркуцио

Онаа иста бледа-крпа, тврда на срце девојка, онаа Розалина, го мачи, не му дава да здивне. Сигурно ќе се шекне.

Бенволио

Тибалт, роднина на стариот Капулети, испрати писмо до домот на неговиот татко.

Меркуцио

Го вика на двобој, што друго.

Бенволио

Ромео сигурно ќе му одговори.

Меркуцио

Секој човек што знае да пишува може да му одговори.

Бенволио

Да, ама тој, на предизвикот од пишувачот на писмото, со предизвик ќе му одговори.

Меркуцио

Море тешко на Ромео, па тој веќе е мртов, прободен од црното око на белата девојка, застрелан со љубовна песна во увото, погоден среде в срце со стрелата на оној

слеп пилиштарец. Зарем таков маж може да му излезе на Тиблат на каршилак?

Бенволио

Зошто пак да не, што е тој Тибалт?

Меркуцио

Па не е баш од мече кашличе. Смел маж е, вистински витез. Се мечува како што ти пееш по ноти. Внимава на тактот, интервалите, ритамот. Паузите кај него се многу куси, еден, два а на три мечот ти го нурнува в гради. Вистински касап е со свилени петлици, мегданџија над мегданџиите, благородник прва лига, зналец на бесмртното пасадо, па на пунто риверсо, па на хаи!

Бенволио

На што?

Меркуцио

Море нека се носат сите тие чукнати, вообразени прчловци, сите тие мајстори на нагласокот! >>Жими Исус, извонреден меч, извонредно висок човек, извонредно добра курва!<< Зарем не е за жалење, коско моја стара, што толку ни леткаат пред нос овие туѓински мушички, овие педерчиња, овие свилени мајмунчиња кои толку се држат до модата што не можат мадро да седнат на старите клупи. О коските нивни, коските. *(Влегува Ромео.)*

Бенволио

Еве го Ромео, еве го Ромео.

Меркуцио

Без својата икра, како исушена харинга. О месо, месо, многу си ми орибено! Сега е за песните што Петрарка ги вадеше од ракав: Лаура во споредба со неговата сакана е обична садоперачка, иако имаше подобар љубовник да ја опее; Дидона гнаса, Клеопатра ѓупка, Елена и Хера простачки и блудници, а Тизба сивоока или така нешто, ама ништо посебно. Господине Ромео, бон жур, да те поздравам француски за твоите француски крпи: добро ни го спопика сношти.

Ромео

Добро утро на двајцата, како ви го спопикав?

Меркуицо

Не се прави на удрен, господине. Побегна од нас, ете како ни го спопика.

Ромео

Прости ми, добар Меркуцио, имав многу работа, а кога си зафатен, лесно се заборава на учтивоста.

Меркуцио

Тоа е исто како да се каже, дека кога некој е зафатен како тебе, мора да се витка.

Ромео

Мислиш заради поклонот?

Меркуцио

Многу љубезно погоди.

Ромео

Многу учтиво објаснување.

Меркуцио

Јас сум цветот на учтивоста.

Ромео

Кој цвет?

Меркуцио

Розата.

Ромео

Тогаш сандалата ми е закитена со добар цвет.

Меркуцио

Бистар си, нема што, ако продолжиш да си вака бистер, ќе си ја износиш сандалата, ѓонот ќе ти се излиже, и ќе си останеш, просто речено, бос.

Ромео

Проста шега, нема што, попроста здравје!

Меркуцио

Застани меѓу нас, добар Бенволио, ќе ми цркне духовитоста!

Ромео

Шибај ја и подбоднувај ја, шибај ја и подбоднувај ја или ќе објавам дека си готов!

Меркуцио

Ако треба двата наши ума да
се тркаат ко во потера по диви гуски, тогаш сум готов: оти во твојот ум има пет пати повеќе диви гуски отколку во мојот. Дали некогаш сум бил со тебе по гуски?

Ромео

А за што друго си бил со мене ако не за гуски?

Меркуцио

За ова би те гризнал за уво.

Ромео

Не, не касај, гусане добар!

Меркуцио

Досетливоста ти е горчлива како кисело јаболко, сок што подзапира в грло.

Ромео

Зарем сокот од јаболка не оди со сладок гусан каков што си ти?

Меркуцио

Досетливоста ти е растеглива ко јарешка кожа, од еден палец се растегнува по цел лакт.

Ромео

Би сакал да ја растегнам до зборот којшто закачен на гусанот ќе докаже дека ти си непристоен гусан.

Меркуцио

Па зарем не е ова поубаво отколку да ми лелекаш од љубов? Сега си друштвен, сега си Ромео; сега си она што си и по однесување и по природа, бидејќи онаа плачлива љубов е како некој нагонски дивјак што трча горе долу со патлакот за да ја затне првата дупка на која ќе наиде.

Бенволио

Толку е доста, доста е!

Меркуцио

Сакаш да престанам со приказната против своја волја?

Бенволио

Инаку ќе ја издолжиш до Рим и назад.

Меркуцио

Се лажеш, имав намера да ја скусам зашто стигнав до самото дно на приказната и навистина не мислев уште да ја длабам. *(Влегува Доилката со својот помошник Петар.)*

Ромео

Види, добра бродска опрема. Едро, едро.

Меркуцио

Две, две: кошула и наметка.

Доилката

Петар!

Петар

На услуга!

Доилката

Лепезата, Петар.

Меркуцио

Дај и Петре, да си го скрие лицето зашто лицето на лепезата е поубаво.

Доилката

Бог да ви даде добро утро, господа.

Меркуцио

Бог да ти даде добар ден, убава госпоѓо.

Доилката

Веќе е ден?

Меркуцио

Уште малку ќе се стемни, ви велам, зашто блудната казалка на сончевиот мерач сега е точно на пладневниот зарезок.

Доилката

Како не ви е срам, што човек сте вие?

Ромео

Човек, благородна госпоѓо, што бог го создал сам да се расипува.

Доилката

Добро речено, жими крстов. Сам да се расипува, рековте, не? Господа. Може некој да ми каже каде можам да го најдам младиот Ромео?

Ромео

Би можел да ви кажам, ама младиот
Ромео ќе биде постар кога ќе го најдете
одошто бил кога сте почнале да го барате.
Јас сум најмладиот под тоа име, во недостиг на полош.

Доилката

Добро речено.

Меркуцио

Најлошото добро, добро сфатено, нема што! Мудро! Мудро!

Доилката

Ако вие сте тој, господине, сакам на само да разговарам со вас.

Бенволио

Ќе го викне на вечера.

Меркуцио

Подводница, подводница, подводница!
Држете ја!

Ромео

На што набаса?

Меркуцио

Не на зајак, господине, туку на зајачица, господине, во посна пита, која е бајата и мувлосана уште пред да се јаде.
Шета покрај нив и пее.
Зајачицата стара, зајачицата стара
добра е во пост штом ти се даде.
Ама зајачицата стара, не вреди ни пара
ако е расипана пред да се јаде.
Ромео, доаѓаш во куќата на татко ти? Одиме таму на ручек.

Ромео

Еве ме веднаш по вас.

Меркуцио

Збогум госпоѓо стара, збогум госпоѓо, госпоѓо, госпоѓо.
(Излегуваат Меркуцио и Бенволио.)

Доилката

Ве молам, господине, кој беше овој сочен безобразник полн со ујдурми?

Ромео

Господин, дадилко, којшто сака да се слуша самиот себеси и повеќе ќе ви изнаприкаже за една минута отколку што ќе чуе од друг за месец дена.

Доилката

Само нека гугне нешто против мене, ќе му го дотерам умот, па макар да е стопати појак од мене; дваесет такви апаши ги носам со мало прсте; ако не можам јас, ќе најдам некој кој може. Бедник низаеден, не му сум јас една од неговите курви, една од неговите глупи гуски *(Се врти кон Петар)* а ти стоиш тука ко мисир и оставаш секој багабонт да ме дупи како сака.

Петар

Не видов никој да ве дупи како сака. А да видев, веднаш ќе го извлечев мечот. Тврдам дека смеам да го извлечам мечот брзо како секој друг маж кога некоја добра кавга ќе ми даде можност а законот е на моја страна.

Доилката

Жими господ, толку сум гневна што сета се тресам од лутина. Гад еден крастосан! Ве молам за еден збор, господине. Како што ви реков, мојата млада господарка ми нареди да ве најдам. Она што ми го нареди да ви го кажам ќе го задржам за себе. Но првин, дозволете да ви кажам, ако мислите, што се вели, да ја влечете за нос тоа, велат, ќе биде голем резил зашто госпоѓицата е млада; па затоа ако бидете дволичен со неа, тоа би било многу непристојно однесување кон која и да е млада госпоѓица, срам невиден, што се вели.

Ромео

Дадилко, препорачај ме кај твојата госпоѓица и господарка. Кажи и дека изјавувам...

Доилката

Срценце едно! Навистина ќе и кажам. Господе, ама ќе се израдува.

Ромео

Што ќе и кажеш, дадилко? Па ти не ме ни слушаш!

Доилката

Ќе и кажам, господине, дека изјавувате, а тоа, колку што ми фаќа умот, е благородна понуда.

Ромео

Кажете и да најде начин
на исповед попладнево да дојде
а таму во ќелијата на отец Лаврентиј
тој ќе ја исповеда и ќе нé венча. Еве ти за трудот.

Доилката

Ни пара господине ви неќам.

Ромео

Земи де, земи кога ти велам.

Доилката

Денеска попладне, господине, ќе дојде таму.

Ромео

А ти чекај зад ѕидот од опатијата, добра дадо,
уште во текот на овој час мојот слуга ќе дојде
и ќе ти донесе скали направени од јаже,
кои до врвот на среќата ќе ме донесат
во ноќта тајна. Због ум, биди верна,
а за тоа јас ќе ти го наградам трудот.
Збогум. Поздрави ја господарката твоја.

Доилката

Господ на небо нека ве благослови,
слушнете господине.

Ромео

Што сакаш да ми кажеш, дадилко мила?

Доилката

Дали човекот ваш е сигурен? Зашто велат
двајца чуваат тајна ако го тргнат третиот.

Ромео

Ти гарантирам дека мојот човек е тврд на вера ко челик.

Доилката

Добро, господине. Господарката моја е најслатка госпоѓица, господе, кога ќе ми текне колку беше зборлива како мала. О, има во градот еден благородник, некојси Парис, којшто сé би сторил да ја добие: ама нејзе, душичка една мила, гајле и е за него колку за некој крекач, за вистинки крекач. Понекогаш ја лутам, и велам Парис повеќе и личи, ама ви велам, кога ќе и речам така, целата побледува, ко најбела крпа станува. Зарем розмаринот и Ромео не почнуваат на иста буква?

Ромео

Почнуваат па што? На р почнуваат.

Доилката

Е, дечко, кучешките имиња почнуваат на р - ама знам, вашето име почнува со друга буква, не? А таа напиша прекрасни стихови за тоа, за вас и за розмаринот, милина да ви е да ги слушнете.

Ромео

Поздравете ми ја вашата госпоѓица.

Доилката

Секако, илјада пати.: Петар!

Петар

Повелете.

Доилката

Одиме, брзо!
(Излегуваат.)

Сцена 5

(Влегува Јулија.)

Јулија

Отчука девет кога доилката ја пратив,
вети за половина час ќе се врати,
може не го нашла; не, ни случајно;
о, па таа куца, гласниците на љубовта се мисли
што десетпати се побрзи од сончевите зраци,
кога сенките ги тераат преку темните гори.
Затоа лекокрили гулаби љубовта ја возат,
и затоа брзокрилен е Купидон ко ветер;
сега сонцето е на врвот највисок
од денешниот свој пат, а од девет до дванаесет
три долги часа има, а нејзе ја нема.
Да има чувства и младешка крв топла
ко топка таа би летала сега,
зборовите мои на саканиот би му ги фрлала
а неговиите мене;
но старите луѓе небаре суштества мртви,
ко олово се несмасни, тешки, на бавноста жртви.
(Влегуваат Доилката со Петар.)
Еве ја, господе, о дадилке слатка, што има да ми кажеш?
Го сретна ли? Тргни ми го овој од пред очи.

Доилката

Петре, застани кај портата.

Јулија

Сега дадилко добра, слатка. О боже, што ми си толку тажна?
Ако се вестите тажни, весело кажи ми ги.
А ако се тажни, ја срамиш музиката од слатки вести
свирејќи ја со толку кисело лице.

Доилката

Преморена сум, дај ми малку да здивнам, секое ковче ме боли. Трчав ко луда!

Јулија

Камо коските мои да ги имаш, а јас твоите вести:
ајде, зборувај, те молам, дадичке моја, зборувај!

Доилката

Господе, ама и се брза, не можеш малку да се стрпиш?
Зарем не гледаш дека одвај дишам?

Јулија

Како одвај дишеш кога дишејќи ми велиш дека одвај дишеш? Извинувањето твое
за доцнењето подолго е од приказната со која се извинуваш.
Добри се вестите или лоши? Одговори ми на ова
кажи да или не а за деталите ќе почекам.
Само кажи, добри се или лоши?

Доилката

Е па, направи наивен избор, не знаеш да избираш маж. Ромео! Не не, не иако лицето му е поубаво од другите мажи, иако ногата ги надминува нозете на другите мажи, а рацете, стапалата и стасот, иако за нив не треба да се зборува, му се неспоредливи.
Не е цвет на учтивоста, но ти гарантирам дека е кроток како јагне. Оди по својот пат, девојко, служи му на бога. Што, зарем веќе ручавте?

Јулија

Не, не. Ама сето ова и претходно го знаев.
Што вели тој за венчавката наша, за тоа што вели?

Доилката

Господе, ама ме боли главата, да не треба да ја сменам?
Клука небаре на дваесет парчиња ќе прсне.
А и грбов од оваа страна, леле грбов, леле,

Грев ќе носиш на душа што ме прати
смртта трчајќи ваму-таму да си ја најдам.

Јулија

Од душа ми е жал што не ти е арно.
Мила, мила, мила дадичко, што вели мојот сакан?

Доилката

Твојот сакан вели како чесен господин, и како љубезен, и како пристоен и како згоден а ти тврдам и како доблесен. Каде е мајка ти?

Јулија

Каде е мајка ми? Таа е дома.
Каде друго место би била? Колку чудно ми одговараш:
твојот сакан вели како чесен господин,
Каде е мајка ти?

Доилката

О мајко мори мила божја,
види ја ти неа, што си толку лоша?
Ова ли е мелемот за моите болни коски?
Од сега пиле сама да си ги носиш пораките!

Јулија

Доста матиш, кажи што вели Ромео!

Доилката

Смееш денеска да одиш на исповед?

Јулија

Смеам.

Доилката

Тогаш побрзај до ќелијата на отец Лаврентиј,
таму те чека мажот што ќе те направи жена.
Сега крвта грешна в лице ти јурна,
но на веста втора поцрвено ќе ти биде.
Оди в црква; јас по друг пат морам,
да ја земам скалата по која твојот сакан
ќе се качи со примракот во птичјото гнездо.
Црнчам, р,мбам за среќното твое пладне
ама вечерва товарот и на твојот грб ќе падне.
Одам на ручек а ти ќелијата ја одбра.

Јулија

Висока среќа одбрав. Збогум дадилко добра.
(Излегува.)

Сцена 6

(Влегуваат отецот и Ромео.)

Отец Лаврентиј

Насмевни се небо на овој свет чин,
за дните идни да не не кораат со тага.

Ромео

Амин, амин, но каква и да дојде тага,
таа нема да ја надомести размената на радост
од само миг еден кус поминат со неа:
ти само спој ни ги рацете со зборови свети
па смртта што љубовта ја јаде нека своето го прави.
Мене ми е доволно да си ја наречам своја.

Отец Лаврентиј

Среќите наврапити, наврапито се гасат
во триумфот свој умираат ко барутот и огнот
во бакнеж што гинат. И најблагиот мед
ни станува гаден заради сласта своја
и со вкусот ја ништи гладта наша.
Затоа љуби умерено, така љубовта трае долго,
пребрзиот ко бавниот стигнуваат доцна.
(Влегува Јулија забрзана и го прегрнува Ромео.)
Еве ја госпоѓицата. О толку лесна нога
не ќе го изоди никогаш животното трње;
заљубениот може да вјава на свила
што лежерно рее на летниот воздух
без да падне, толку е лесна суетноста.

Јулија

Добро вечер, оче мој духовен.

Отец Лаврентиј

Ромео, ќерко, за обајцата ќе ти се заблагодари.

Јулија

И нему добро вечер, инаку зошто да ми благодари?

Ромео

Ах, Јулија, ако мерката на среќата твоја
е премината како мојата, и ако со збор подобро знаеш
да ја закитиш, тогаш разблажи го со здивот
воздухот овде а богатата музика на твојот глас
блаженството нека го открие што обајцата
го примаме со оваа мила средба.

Јулија

Срцето, побогато со содржина, а не со зборови,
не со украсот туку со суштината се фали.
само питачите богатството да си го избројат можат
а љубовта моја толку е раскошна што не можам
ни половина да соберам од азното свое.

Отец Лаврентиј

Дојдете со мене, ќе побрзам со чинот.
Не смеете сами да останете заедно
дури црквата света не ве спои во едно.
(Излегуваат.)

Чин ТРЕТИ

Сцена 1

(Влегуваат Меркуцио со пажот,
Бенволио со негови луѓе.)

Бенволио

Те молам, добар Меркуцио, да си одиме,
денот е жежок, Капулетите надвор,
ги сретнеме ли, не ни ги гине кавга
зашто во жешки дни, полудената крв врие.

Меркуцио

Ти си ми ко оние чукнатите што а ќе го
пречекорат прагот од некоја крчма, веднаш
удираат со мечот по маса и велат 'Не дај
боже некогаш да ми требаш', но штом вто-
рата чаша им удри в глава веднаш го вадат
на првиот пред себе без никаква потреба.

Бенволио

Ти личам јас на таков?

Меркуцио

Е не, не личиш. И тебе ти врие крвта ко
на секој твој врсник во Италија; не ти треба
многу да ја загубиш главата па да не знаеш
што правиш и обратно, малку ти треба да не
знаеш што правиш па да ја загубиш главата.

Бенволио

И тогаш?

Меркуцио

И тогаш доволно е да се најдете двајца
такви па двајцата набргу да ве снема зашто
меѓусебно ќе се испоубиете. Еве ти, на
пример, ти би фатил кавга со човек само
затоа што тој има влакно повеќе или влакно
помалку во брадата. Ти би се карал со
некого затоа што крши лешници а изго-
вор ќе ти биде тоа што очите ти имале
лешникова боја. Кои очи, освен таквите,
би виделе во тоа повод за кавга? Главата
ти е полна со кавги ко јајцето со жолчки
иако заради ујот кавгаџиски, толку ти е
шашардисана што од јајце станала сматок.
Си се карал со филјан човек само затоа што
кутриот се искашлал на улица и притоа ти го
разбудил песот што спиел оптегнат на сонце.
Не се имаш испокарано со еден терзија
само затоа што новиот елек го носел пред
Велигден? А со друг само затоа што ги носел
новите чевли со стари врвци? Ти најде да ми
попуваш дека јас сум бил кавгаџија!

Бенволио

Да бев кавгаџија како тебе, главата не ќе ми
вредеше ни пет пари.

Меркуцио

Мислиш сега повеќе ти вреди? Глупости!
Влегуваат Тибалт, Петручио, и други.

Бенволио

Глупости или не, еве ги Капулетите.

Меркуцио

Капулети, Мапулети, баш ми е гајле.

Тибалт

(На Петручио и другите)
Стојте до мене, зашто ќе им се обратам.
(На Монтаги) Господа, добро вечер. Само збор со еден од вас.

Меркуцио

Само збор со еден од нас? Удвојте го ви се молам со уште нешто па нека биде збор и еден удар.

Тибалт

И на тоа сум подготвен, господине, ако ми дадете можност.

Меркуцио

А да си најдете можност без
да ви биде дадена?

Тибалт

Меркуцио, ти и Ромео дувате во иста гајда.

Меркуцио

'Дуваме во иста гајда'? Што, да не мислиш од нас да направиш чифт гајдации? Дудук еден гајдациски! Ако сакаш тоа од нас да направиш, тогаш од дудукот ќе слушаш само завивање. *(Се фаќа за мечот)* Ова ми е дудукот; од звукот негов, бога ми, има да заиграш. Скокај сега, дудучиште едно!

Бенволио

Разговараме овде кајшто врие од луѓе.
Или да се повлечеме во некое помирно место,
или спорот решавајте го смирено и ладно
или да си одиме. Сите очи кон нас се свртени.

Меркуцио

Очите се за гледање, па нека се џарат.
За ничиј ќеф не отстапувам ни педа.
(Влегува Ромео.)

Тибалт

Опа! Од вас не барам ништо, господине. Еве го моето момче..

Меркуцио

Нека ме обесат господине ако тој потрчко е ваш.
Ама на каршилак излезете му, па ќе видите што е тоа мегданџија..
Во таа смисла само, вашата милост може да го вика 'момче'.

Тибалт

Ромео, љубовта што кон тебе ја имам
не се искажува поинаку освен со зборот:
подлец!

Ромео

Тибалт, причината поради која морам да те сакам
го правда донекаде зауздувањето на гневот при ваков поздрав. Јас не сум подлец.
Затоа збогум. Гледам дека не ме поознаваш.

Тибалт

Момче, ова нема навредите да ми ги тргне што ти ми ги нанесе. Затоа запри и вади го мечот!

Ромео

Никогаш не сум те навредил се колнам,
туку те сакам повеќе одошто си мислиш
иако причината не ја знаеш за мојата љубов.
Затоа добар Капулети, име што ко своето
го сакам, задоволи се со ова што го реков.

Меркуцио

(Го вади мечот) О лигавост, нечесна, немтурска, подла!

Само ала стакато нејзе ја пере.
Тибалт, стаорско страшило, ајде, ќе играш?

Тибалт

Што бараш пак ти од мене?

Меркуцио

Ништо цару на мачките, само еден од твоите девет животи. Со него мислам бргу да завршам а ако биде потребно после тоа од останатите осум да направам сува пастрма. Вади го од канија мечот за уши! Брзни велам, да не ти се најде побрзо мојот меѓу уши!

Тибалт

(Го вади мечот) Повели!

Ромео

Меркуцио добар, врати го мечот.

Меркуцио

(На Тибалт) Да го видам господине твојот пасадо.
(Се борат.)

Ромео

(Го вади мечот) Вади го мечот, Бенволио. Да ги раздвоиме.
Сраметe се, господа. Резил сте на светот. Тибалт, Меркуцио, Војводата забрани строго
секакви кавги по улиците на Верона. Стојте, доста, Тибалт, Меркуцио!
Ромео успева да им ги сврти мечовите надолу и влетува меѓу нив. Тибалт го прободува Меркуцио под раката на Ромео.

Петручио

Да бегаме, Тибалт!
(Излегуваат Тибалт, Петручио и нивните другари.)

Меркуцио

Прободен сум.
Чума да ги сотре двете ваши куќи! Готов сум.
А тој замина без влакно да му фали?

Бенволио

Да не си ранет?

Меркуцио

Само гребнатина, гребнатина само; ама, доволна сосем.
Каде ми е пажот? Трк по доктор, гнасо!
(Излегува Пажот.)

Ромео

Држи се, човеку. Раната не е толку страшна.

Меркуцио

Не е длабока како бунар, ниту широка ко црковни порти, но сепак е доволна. Ќе послужи. Прашај за мене утре и ќе ме најдеш на гробишта. Ми го збиберија на овој свет. Чума да ги сотре двете ваши куќи. Плукам на светот кога пес еден, мачка, стаорец, глушец вака смртно може да изгребат човек! Развратник, апаш, подлец, што се тепа со сметка! Зошто, жити сé, се вмеша меѓу нас? Ме прободе под твојата рака.

Ромео

Најдоброто го сакав.

Меркуцио

Внеси ме во некоја куќа, Бенволио,
или ќе паднам. Чума врз вашите две куќи.
Од мене направија за црвјата храна.
Си го добив и тоа здраво. Вашите куќи!
(Излегуваат сите освен Ромео.)

Ромео

Овој господин, на војводата сојузник близок,
мој пријател верен, со смртна се здоби рана
заради мене, навредите на Тибалт
мојот го извалкаа углед. – Тибалт, што час неполн
ми е роднина! О Јулио слатка,
твојата убавина од мене направи жена
и челикот на храброста ми го р'ѓоса сосем.
(Влегува Бенволио.)

Бенволио

О Ромео, Ромео, храбриот Меркуцио е мртов!
Тој широкоград дух кон облаците летна,
презирајќи ја земјата многу пред време.

Ромео

Црната коб на денов без други зла нема да прође,
по ова знам друго зло ќе дојде.
(Влегува Тибалт.)

Бенволио

Еве го се враќа разбеснетиот Тибалт.

Ромео

Жив и победник а Меркуцио мртов!
Бегај на небо учтива благост
нека сега гнев огнен мене ме води.
А сега Тибалт, назад земи си го она твое 'подлец'
што прееска в лице ми го фрли, зашто душата
на Меркуцио уште над главите ни рее
чекајќи ја твојата да ѝ прави друштво.
Или ти или јас или обајцата ќе тргнеме со него.

Тибалт

Ти тиквару зелен другар овде му беше
па другар биди му и таму.

Ромео

Тоа ова ќе го реши.
Се борат. Тибалт е прободен. Паѓа и умира.

Бенволио

Ромео, бегај, да те нема.
Градот е на нозе, Тибалт мртов.
Не стои ко здрвен. Војводата на смрт ќе те осуди
ако те фатат. Оди, бегај, да те нема.

Ромео

О, јас сум шутот на судбината!

Бенволио

Што стоиш уште?
(Ромео заминува.)
(Влегуваат граѓани.)

Првиот граѓанин

На каде побегна убиецот на Меркуцио?
Каде побегнаТибалт, убиецот гнасен?

Бенволио

Овој овде е Тибалт.

Првиот граѓанин

(На Тибалт) Станувај, господине, тргнувај по мене.
Во името на војводата ти велам, напред.
(Влегуваат Војводата, стариот Монтаги, Капулети,нивните жени и други.)

Војводата

Каде се безочниците мегданов што го почнаа?

Бенволио

О војводо благороден, цел ќе ти го кажам несреќен тек на фаталнава кавга.

Човеков легнат овде убиен е од Ромео
којшто пак роднината твој го уби, храбриот
Меркуцио.

Г-ѓа Капулети

Тибалт, внучко мој, о чедо на братот мој!
О војводо, О господару, мажу! О, пролеана
е крвта
на мојот мил внук! Војводо, жити господ,
за крвта наша Монтаги крвнина нека даде!
О внучко, внучко!

Војводата

Бенволио, кој ја започна кавгата?

Бенволио

Тибалт, убиениов овде, кого раката на
Ромео го уби.
Ромео, со убави зборови го смируваше, го
убедуваше
во бесмислата на спорот, на моќниот гнев
твој
му укажуваше. Сето ова изразено со кротка
реч, смирен поглед, воздржаност смерна
не можеше да ја скроти нескротливата
жолчност
на Тибалт, глувиот за мир, туку тој навали
со остриот челик врз градите на храбриот
Меркуцио
којшто, збеснат и самиот, не му остана
должен,
туку со војнички презир со едната рака
смртта ладна ја одбиваше, а со другата на
Тибалт
му ја враќаше чија вештина на тоа
возвраќаше. Ромео тогаш свика:
'Стојте, пријатели, пријатели раздвојте се!'
И побрзо од
јазикот свој
со мечот мечовите кобни им ги сврти долу,
и меѓу нив влета, но под неговата рака
со неправилен удар Тибалт животот го
скрати
на стамениот Меркуцио, па побегна Тибалт
и по едно време пак се врати кај Ромео
којшто обземен беше од страшна страст за
одмазда
надојдена во него како молња; пред мечот
да го извадам и да ги разделам стамениот
Тибалт
беше мртов а Ромео се заврте и збриша.
Ако не беше вака, нека престанам да дишам.

Г-ѓа Капулети

Тој е роднина на Монтаги.
Нормално е да лаже; вистината не е таква.
Сигурно дваесетмина се тепале во битката
мртва,
дваесетмина се нафрлиле на една сирота
жртва.
Правда барам војводо, за Правда пред тебе
се борам
Ромео Тибалта го уби, Ромео да умре мора.

Војводата

Ромео го уби него, тој Меркуцио го скрати.
Кој треба сега за смртта негова да плати?

Монтаги

Не Ромео, војводо. Тој пријател на
Меркуцуо беше.
Тој само долгот законски го зеде,
животот на Тибалт.

Војводата

А бидејќи за тоа се плаќа
веднаш него во прогонство го праќам.
Вашата омраза што долго убива и коли
најпосле сурово и моја крв проли.
Но толку строга казна ќе ве колка
што сите ќе се каете за мојата болка.
Ќе бидам глув за сите правдања и молби
па макар плачеле и воделе разни борби.
Од тоа ќе нема ништо. Нека Ромео замине
веднаш
инаку потоа е мртов, штом го најдат еднаш.
Носете го трупов и чујте ме без пцости:
милоста убива ако на убиецот му се прости.
(Излегуваат со телото на Тибалт.)

Сцена 2

(Влеѓува Јулија, сама.)

Јулија

Галопирајте брзо, о огноножни вранци,
кон конакот Феба. Колесничар таков
ко Фаетон би ве шибал се до запад,
и ноќ темна би се спуштила веднаш.
Рашири го пердето густо, о ноќ, на љубовта јатак,
за да се склопат денските очи, а Ромео
в преград, невиден и нечуен, ми падне.
Љубовниците обредот љубовен го вршат
на светлината од убавината своја, а ако љубовта е слепа
тогаш ноќта најмногу и прилега. Дојди ноќ лична,
ти темно-образна госпоѓо сета во црно
и научи ме како да го загубам добиениот меч
што се игра за чифт чисти девственост.
Обгрли ја крвта немажена во образот што ми блика
со плаштот свој црн, дури плахата љубов не се дрзне
во чинот на вистинска љубов смерност да види;
дојди ноќ, дојди Ромео, ти дену во ноќта!
Зашто ќе лежеш врз крилата на ноќта
побел од нов снег на грбот од гавран:
дојди ноќ нежна, црновеѓа, заљубена, ноќ, дојди,
дај ми го мојот Ромео, а кога ќе умре,
земи го и исецкај го во ѕвездички мали,
па нека го разубави ликот небесен
за сиот свет во ноќта да се вљуби
и да престане да го слави пресветлото сонце.
О си купив љубовна палата, ама уште
не сум вселена; и иако сум продадена,
уште не сум превземена. Долг ми е денов
ко што е ноќта пред некој празник
за нестрпливо дете што алишта има нови
ама не смее да ги носи. Но еве, иде доилката;
(Влеѓува Доилката со скала од јаже.)
и носи вести. Секој јазик што само името
Ромео го говори, небесна речитост го краси.
Кажи дадо, што е ново? Што имаш таму, скалите
што Ромео те прати да ги земеш?

Доилката

Да, да. Скалите од јаже.

Јулија

Тешко мене, што е ново? Зошто рацете ги кршиш?

Доилката

Ама ден црн, тој е мртов, мртов, мртов.
Готови сме, госпоѓице, пропаднавме.
О несреќен ден, него го нема, убиен е, мртов.

Јулија

Може ли небото да е толку лошо?

Доилката

Ромео може,
ако небото не може. О Ромео, Ромео
кој би помислил дека ова е можно Ромео?

Јулија

Кој ѓавол си што вака тешко ме мачиш?
Вакво мачење ни во пеколот огнен нема.
Дали Ромео се убил? Кажи да само
и тоа штуро да поотровно ќе ми биде
од погледот отровоносен на страшниот змеј.
Јас не сум јас ако такво да постои,
или ако склопени се очите што те тераат
да да речеш. Ако е убиен речи да ако не е,
не Кусото да или не за пропаста решаваат моја
или за спасот.

Доилката

Раната ја видов, со свои очи ја видов,
(Боже сокри ја) овде, на градите машки,
о, сирот труп, крвав труп сирот,
блед, блед ко крпа, во крв облеан сиот,
во крв засирена. Тогаш се онесвестив.

Јулија

О, скрши се срце! Скрши се, сираку, веднаш!
В темница очи, слободата никогаш повеќе
да не ја видите. Зла земјо вземи врати се, по
мене нека дојдат,
на иста носилка со Ромео в гроб да појдам.

Доилката

О Тибалт, Тибалт, најдобриот пријател што
го имав,
о љубезен Тибалт, господине честит,
што ме снајде, мртов да те видам.

Јулија

Што луња дува од спротивната страна?
Дали Ромео е убиен? А Тибалт мртов?
Мојот најмил роднина, мојот уште помил
маж?
Тогаш страшна трубо затруби го денот
суден,
зашто кој остана жив ако обајцата се мртви?

Доилката

Тибалт е мртов а Ромео протеран,
Ромео него го уби, затоа Ромео е протеран.

Јулија

О боже, дали раката на Ромео крвта Тибал-
това ја проли?

Доилката

Ја проли, ја проли, о ден несреќен, ја проли.

Јулија

О змиско срце скриено во цветно лице!
Живеел ли некогаш ѕвер во пештера толку
лична?
Монструме убав! Ѓаволе ангелски!
Гаврану со гулабови перја, јагне со волчја
уста!
Гнасна јатко во боженствена лушпа!
Спротивност грда на сопствениот изглед-
Свет богохулнику, апашу честит.
О природо, што правеше ти во адот
кога на духот демонски дом му даде
во смртниот рај на толку мило тело?
Постои ли книга со толку подла содржина
а со толку красен повез? О зарем измама
да пребива во толку дивен дворец?

Доилката

Верба, сигурност, чесност во мажите нема;
сите се измамници, кривоклетници, лице-
мери, нули.
Ах, каде е човекот мој? Вода животна да ми
даде.
Ме остарија многу жалта, злото, оваа тага.
Нека ти е срам Ромео!

Јулија

Јазикот да ти се исуши
за ваквата желба! За срам тој не е роден.
Срамот се срами на чело да му виси
зашто тоа е трон кајшто честа може да се
круниса
единствениот монарх на целата земја.
О, што ѕвер бев што го грдев така!

Доилката

Зарем добро ќе говориш за тој братучедот
што ти го уби?

Јулија

А зарем лошо да говорам за тој што ми е
маж?
Ах, кутар мој мажу, кој името ќе ти го фали
кога јас, твојата тричасовна жена, ти го
валкам?
Но зошто подлецу братучедот ми го уби?
Тој подол братучед ќе ми го убиеше мажот.
Назад, глупави солзи, назад во изворот
првен!
На јадот ко данок му припаѓаат вашите
капки
што вие, по грешка, ги жртвувате за радост.
Маж ми е жив што Тибалт ќе го убиеше за
малку;

а Тибалт мртов што ќе ми го убиеше мажот.
Ова е утеха. Зошто тогаш плачам?
Тој збор се расчу, поцрн од смртта на Тибалт,
што ме уби. Сакав да го заборавам лесно
но о, во паметењето тој ми се вгнезди
ко тешка вина во душата на грешник!
'Тибалт е мртов, а Ромео протеран.'
Зборот 'протеран', тој единствен збор 'протеран'
десет илјади Тибалти уби. Смртта на Тибалт
ко да не беше доста да се затре злото.
Но ако зло поголемо општеството бара
кое ќе се нареди во редот зла тешки
зошто тогаш по она 'Тибалт е мртов'
не рече таа 'Татко ти умре' или мајка ти, или
обајцата по што благо жалење би дошло?
Туку по веста за смртта на Тибалт, вака
вметнато она 'Ромео протеран'- тоа ги уби
и таткото и мајката и Тибалт и Ромео и Јулија
сите, сите се мртви. 'Ромео протеран'-
Нема крај, граница, меѓа, мерки разни
во смртта на тој збор. Зборовите за такво
зло се празни.
Каде се мајка ми и татко ми, Дадо?

Доилката

Плачат и тажат над телото од Тибалт.
Ќе одиш кај нив? Сега ќе те водам.

Јулија

Нека раните со солзи му ги мијат; моите ќе ги леам
кога нивните ќе секнат за прогонството на Ромео.
Земи ги ортомиве. Јажиња кутри, измамени сте вие,
и вие и јас, зашто Ромео по туѓини се крие.
Тој од вас направи пат до постелата моја нац-
иџена
но јас, девственица, ќе умрам девствено-
вдовичена.
Ајде, јажиња; ајде Дадилко; во брачната по-
стела ми се дреме,
кајшто смртта, а не Ромео, невиноста ќе ми
ја земе!

Доилката

(Ги собира јажињата)
Побрзај в соба. Јас Ромео ќе го најдам
за да те утеши. Знам добро каде се наоѓа.
Слушни ме, ej, твојот Ромео вечерва ќе ти
дојде.
Кај него одам. Во ќелијата на Лоренс е
скриен.

Јулија

(И дава прстен) О, најди го! Дај му го
прстенов на верниот мој витез,
и кажи му да дојде, последното збогум да го
земе.

Сцена 3

(Влегуваат отец Лаврентиј и Ромео.)

Отец Лаврентиј

Ела ваму, Ромео, ела плашливецу еден,
сиот си станал само тучна тага,
а со несреќата неповратно си ми венчан.

Ромео

Оче, што е ново? Што пресуди војводата?
Каква тага познанство со мене бара
а јас сé уште не ја знам?

Отецот

Тага позната, синко,
но горко друштво прави. Вести
ти носам за судот на војводата.

Ромео

Дали од страшниот суд неговиот е поблаг?

Отецот

Поблаг суд од усните му летна;
не смрт за телото туку прогон.

Ромео

Прогон? Имај милост, речи 'смрт',
Зашто прогонот поужасен е на лик,
многу поужасен од смртта. Не вели 'прогон'.

Отецот

Од Верона си протеран. Трпелив биди,
зашто голем е светот и широк.

Ромео

Не постои свет без ѕидините на Верона
туку чистилиште, вечна мака, пекол.
Протеран оттаму протеран сум од светот
а прогонот од светот значи смрт. ‚Прогон'
е погрешен збор за смрт. Викајќи ја смртта
'прогон'
ми ја сечеш главата со секира златна
и ми се смееш на ударот што ме убива.

Отецот

О грев смртен, о неблагодарност груба!
Злосторот твој по закон заслужува смрт,
но Војводата, на твоја страна застанувајќи,
законот го заобиколи и мрачниот збор
'смрт'
со прогон го замени. Ова се вика милост
ама ти не ја гледаш.

Ромео

Тоа е мачење а не милост. Небото е овде
кајшто Јулија живее и секое маче, куче
глувче ситно, секое неважно створче
живее овде и може нејзе да ја гледа
само Ромео не смее. Повеќе вредност,
повеќе достоинство, повеќе чест има
во мувите летачки одошто во Ромео. Тие
можат
да првнат на белото чудо од раката на Јулија
и да крадат бесмртен блосов од нејзините
усни
кои, дури и во чедна, весталска смерност
поцрвенуваат, небаре допирајќи се, сториле
грев.
Но Ромео не смее, протеран е тој.
Мувите смеат, а јас од ова мора да бегам.
Тие се слободни луѓе, а јас сум протеран.
И сé уште тврдиш дека прогонството не е
смрт?
Зарем немаш готов отров, наострена кама,
средство некакво за брза смрт, па макар
грдо,
туку мораш да ме убиваш со она твое 'про-
теран'-
'Протеран?' О оче, колнатите го користат
тој збор во адот.
Урлаат со него. Како имаш срце
ти, душо света, духовнику божји,
разрешувачу наш
на гревовите и пријател мој потврден
да ме убиваш со тој гнасен збор 'протеран'?

Отецот

Лудаку мрднат, барем малку слушни ме!

Ромео

О, пак ќе ми говориш за прогонство.

Отецот

Оклоп ќе ти дадам да те заштити од зборов –
млеко слатко за маките, философијата,
за да те теши па макар да си протеран.

Ромео

Пак 'протеран'? Ми е требна философијата!
Ако философијата не е кадра Јулија да ми ја створи
градов да го премести, одлуката на војводата да ја смени,
не вреди ништо, не помага ништо. Не зборувај ми повеќе.

Отецот

Лудаците гледам немаат уши.

Ромео

Не е ни чудно кога мудреците немаат очи.

Отецот

Дозволи да проговориме за положбата твоја.

Ромео

Не можеш да говориш кога не си ми в кожа.
Да беше млад ко мене, Јулија сакана твоја,
оженет одвај еден час, Тибалт мртов,
зацапан до уши ко мене и ко мене протеран
тогаш би можел да говориш, косата да си ја кубиш
и на земја да се фрлаш, ко јас што правам сега
(Се фрла на земја)
мерка да земам за неископаниот свој гроб.
(Од надвор се слуша тропање.)

Отецот

Стани, некој чука. Ромео добар, скриј се.

Ромео

Нећам, освен ако здивот на офкањата од болново срце
ко магла не ме сокрие од погледите на светот.
(Повторно чукање.)

Отецот

Слушај, тропаат! –Кој е? – Ромео, стани.
Ќе те земат. - Чекајте малку.- Стани.
(Чукањето не престанува.)
Бргу в соба.- Ајде, оди! – Боже, ама неодговорност, што е ова?
(Чукањето продолжува.)
Идам, идам,
кој запнал толку? Од каде доаѓаш? Што сакаш?

Доилката

(Однадвор) Пуштете ме внатре, па ќе ви кажам.
Идам од госпоѓица Јулија.

Отецот

(Ја отвора вратата) Тогаш си добродојдена.
(Влегува доилката.)

Доилката

О оче свет, о кажи ми свет оче
каде е господарот на мојата госпоѓа? Каде е Ромео?

Отецот

Онде на подот, удавен од сопствените солзи.

Доилката

О, со госпоѓицата моја ист случај,

Ист сосем! О совпаѓање болно,
состојба тажна! Исто вака лежи и таа
плаче и липа, лелека и плаче.
(На Ромео) Стани, стани, стани и маж биди
за атер на Јулија, за нејзин атер стани.
Зошто во толкава си западнал тага?

Ромео

(Сѣтанува) Дадилко!

Доилката

Ах господару, Со смртта сѐ завршува.

Ромео

За Јулија ми зборуваш? Како е таа?
Дали мисли дека сум убиец превеан
сега кога го испрскав детството на нашата радост
со крв толку блиска до нејзината?
Каде е таа, како е и што вели
тајната моја дама за откажаната ни љубов?

Доилката

О, не вели ништо, господару, само липа, липа,
ќе се фрли в постела па ќе стане
по Тибалт вика, па Ромео го бара
па пак в постела се фрла.

Ромео

Ко тоа име
испалено од смртоносната цевка на некој топ
да ја уби зашто проклетата рака на тоа име
роднината ѝ го уби. О кажи ми оче, кажи ми,
во кој подол агол од телово мое
името ми пребива? Кажи ми за да го сотрам
тоа одвратно дувло.
(Сака да се прободи но Доилката му го̄ зема ножо̄т.)

Отецот

Запри ја очајната рака.

Дали си маж? Изгледот твој вришти дека си.
Но плачеш ко жена, а дивите постапки твои велат
дека во тебе се разгневила неразумна sверка.
Неприлична жена со изглед на маж
или изобличен sвер истовремено и маж и жена!
Ме чудиш многу. Жими светиов позив
мислев дека си од поинаков ков. Го уби
ли Тибалт? Па сега и себеси ќе се убиеш
па саканата што во твојот живее живот
омразата спроведувајќи ја врз самиот себе?
Што ги колнеш потеклото, земјата, ова небо
кога сите три во тебе се соединуваат во едно
а ти сакаш сите три да ги загубиш наеднаш?
Пих! Ликот си го срамиш, љубовта, умот
што ко лихвар во изобилство ги имаш
но не знаеш да ги употребиш право
за целта што ги краси ликот, љубовта и умот.
Благородниот твој лик е само восочен печат
ако е лишен од човечката храброст;
љубовта на која се заколна кривоклетство шупло
што љубовта ја убива што треба да ја коткаш;
умот, тој украс на љубовта и ликот,
неспособен е обата нив да ги води
ко прав од рогот на некој невешт војник
што од сопственото незнаење пламнува
па те разнесува место од душманот да те чува.
Станувај, биди маж! Твојата Јулија е жива,
за чиј атер до прееска умираше простум:
тука имаш среќа. Можеше да бидеш убиен од Тибалт
но ти Тибалта го уби: И тука имаш среќа.
Законот што ти се закануваше со смрт кон тебе се сврте
и смртта со прогонство ја смени; и тука имаш среќа.
Море благослови ти се прелева на грбот
среќата ти се насмевнува во промена сјајна
а ти, ко девојка си се распекмезил здурлен
па плукаш на среќата и својата љубов.
Внимавај ти велам, зашто таквите умираат во беда.
Оди, брзни кај саканата, ко што е договорено.

Изјази се во нејзината соба; оди да ја тешиш.
Но не чекај стражите да се постават,
оти нема да продјеш на патот за Мантова,
кајшто треба да живееш дури во погодно време
бракот не го објавиме , пријателите не ги помириме,
прошка од војводата не измолиме и назад не ги викнеме
со илјадапати поголема радост
од тагата со која заминуваш сега.
Оди напред Дадилко, госпоѓата поздрави ја своја,
и кажи ѝ цела куќа в постела да ја прати
во која и самите јадот сега ги тера.
Ромео веднаш трга по тебе.

Доилката

О господе, би можела цела ноќ да останам овде
поуките да ви ги слушам! О, што значи учен човек!
Господару, Ќе ѝ кажам на госпоѓицата дека доаѓате.

Ромео

Стори така а саканата нека се спреми да ме кори.

Доилката

(Му дава прстен) Еве, господине, прстенов рече да ви го дадам.
И побрзајте, не стојте многу, зашто веќе е доцна.

Ромео

Повторно со ова ми се ободри духот.
(Излегува доилката.)

Отецот

Оди веднаш, добра ноќ, сé зависи од ова.
Или оди пред стражите да се постават
или кога ќе осуни измолкни се преправен.
Смести се во Мантова. Јас ќе ти најдам слуга
и по него ќе ти јавувам од време на време
сé поволно за тебе што ќе се случува овде.
Дај ми рака. Доцна е. Збогум. Добра ноќ.

Ромео

Да не ме чека сега радоста над секоја радост
болно ќе се разделеше од тебе мојата младост.
Збогум.

Сцена 4

(Влегуваат стариот Капулети, неговата жена и Парис.)

Капулети

Работите толку тргнаа, господине, на лошо што немавме време да ја спремиме нашата ќерка:
таа многу го сакаше својот роднина Тибалт, а го сакав и јас. Добро, сите еднаш ќе умреме.
Доцна е, ноќеска таа нема да слезе.
Ви велам, да не сум во ваше друштво
и јас би бил в кревет уште пред еден час.

Парис

Овие времиња на болка не се времиња за свадби.
Добра ноќ госпоѓо. Поздравете ја ќерка ви од мене.

Госпоѓа Капулети

Ќе ја поздравам. Утре ќе знам што мисли.
Ноќва со тагата своја е затворена.
Парис тргнува да си оди но Капулети го задржува.

Капулети

Грофе Парис, си земам за право да ви емчам за љубовта од ќерка ми: мислам дека во секој случај
мене ќе ме послуша: За оваа не се сомневам ни малку.
Жено, оди кај неа пред да си легнеш,
запознај ја со љубовта од зет ми Парис,
и речи и, ама ова пикни го в глава, дека идната среда -
ама чекај, кој ден е денеска?

Парис

Понеделник, господине.

Капулети

Понеделник, а? Мм, среда ми е некако пребргу,
нека биде четврток, во четврток кажи и
ќе ја мажиме за овој благороден гроф.
Ќе стигнете? Дали брзањево е во ред?
Нема да правиме голем џумбус, ќе викнеме два-тројца пријатели, зашто Тибалт неодамна загина
па луѓето може ќе речат дека не го жалиме
а роднина ни беше, затоа без многу врева
ќе викнеме едно пет-шест пријатели и толку,
ништо повеќе. Што велите за четврток, грофе?

Парис

Би сакал, господине, четврток да е утре.

Капулети

Добро, тогаш одете. Значи четврток.
Оди кај Јулија пред да си легнеш,
подготви ја, жено, за овој свадбен ден.
Збогум, грофе. Ej, свеќа во одајата моја.
Пред мене! Толку е доцна
што наскоро ќе кажеме и рано. Добра ноќ!

Сцена 5

(Влегуваат Ромео и Јулија)

Јулија

Зарем веќе одиш? Денот не зазорил уште.
Не беше чучурлига, туку ноќниот славеј
што шуплината ти ја распара од плашливото уво.
Цела ноќ тој на онаа калинка пее.
Верувај ми, душо, славеј тоа беше.

Ромео

Чучурлига беше, на мугрите гласник,
а не славеј. Гледај, мила, злокобни стрии
ги опточиле расцепените облаци на исток.
Свеќите на ноќта гаснат и денот весел
гази на прсти по магливите врвови горски.
Одам за да живеам, останам ли ќе умрам.

Јулија

Онаа светлина, кога ти велам, не е денска,
метеор е тоа некој од сонцето спален
за ноќва тебе факел да ти биде
и патот за Мантова да ти го осветлува.
Затоа остани уште. Не мора да брзаш.

Ромео

Па нека ме фатат, нека смртта ја дочекам овде.
Задоволен сум кога ти сакаш така.
И еве велам, сивилово не е утринското око
туку само одблесок блед од челото на Синтија;
и не е она чучурлига чиј глас вака бие
над главите наши по небесниот свод.
Сега за останокот ќе се грижам а не кога ќе се оди.
Дојди смрт, дојди; на Јулија кога така ѝ годи.
Па душо? Да си зборуваме. Велам, не е ден.

Јулија

Ден е, ден е. Побрзај, мрдни, бегај.
Само чучурлигата толку нескладно го пее
напевот свој тежок со зарипнато грло.
Велат чучурлигата разделбите ги прави слатки
но не било така зашто сега нас нé дели.
Велат чучурлигата со грдиот крекач разменише очи.
О камо и гласовите да си ги разменише оти
гласот тогаш нејзин ќе го исплашеше денот.
О, оди, оди! Денот зазорува, сé дени, се дени!

Ромео

Се дени, се дени но јадот наш црн се повеќе се ноќи!
(Влегува Доилката.)

Доилката

Госпоѓице!

Јулија

Дадилко!

Доилката

Вашата госпоѓа мајка доаѓа овде в соба.
Денот обдена; внимавајте, бидете на штрек!
(Излегува.)

Јулија

Низ прозорец денот нека влезе, животот нека излезе!

Ромео

Збогум! Збогум! Еден бакнеж и се спуштам.
Ја спушта скалата од ортоми и се симнува.

Јулија

Зарем отиде, сакан мој, господару, пријателу, мажу?
Мора секој час во денот да знам што е со тебе,
зашто денот не носи минутата што носи.
О, вака ако сметам ќе бидам стара
кога мојот Ромео повторно ќе го видам.

Ромео

Збогум.
Не ќе испуштам можност ниедна
да ти докажам, сакана, колку ми си вредна.

Јулија

О, мислиш дека повторно ќе се видиме?

Ромео

Сигурно, а тогаш сиве јадови грозни
ко слатко мезе ќе ни бидат.

Јулија

О боже, душа злокобна ќе да имам!
Ми се чини во тебе гледам, вака симнат долу
мртовец студен на дното од гробот.
Или видот ми попуштил или многу блед ми
се гледаш.

Ромео

Веруваj сакана и ти таква ми личиш многу.
Сува тага крвта ни ја испи. Збогум, збогум!

Јулија

(Ја собира скалата и плаче)
О судбо, судбо, неверна си, мажите велат.
Ако си неверна, што ќе правиш со него
што познат е по верност? Неверна биди
судбо,
и немој долго да го држиш
туку назад врати ми го.
(Влегува госпоѓата Капулети.)

Капулети

Што, зарем веќе стана, ќерко?

Јулија

Кој ме вика? Госпоѓата мајка, зарем?
Дали не заспа воопшто за да стане рано?
Со каква цел необична овде ми дојде?
(Јулија слегува.)

Капулети

Што е, што има Јулија?

Јулија

Не сум арна, мајко.

Капулети

Зарем уште плачеш по роднината наш
мртов?
Што, да не мислиш в гроб да го измиеш со
сопствените солзи?
Па дури и да можеш, од мртвите тој не се
враќа,
затоа доста. Умерената тага љубов
покажува,
а неумерената умерен недостиг од памет.

Јулија

Сепак дозволете ми за губитокот голем да
плачам.

Капулети

Може за тебе е голем но не и за пријателот
по кого вака плачеш.

Јулија

Што за мене е голем.
Немам друг избор туку по пријателот да
плачам.

Капулети

Па девојко, не плачеш ти за неговата смрт
туку што е жив подлецот што го уби.

Јулија

Кој подлец, мајко?

Капулети

Подлецот Ромео.

Јулија

(За себе) Тој и подлец се два различни света.
(На мајка ѝ) Бог нека му прости, од срце му сакам,
иако ниеден маж така не ме ранил в срце.

Капулети

Затоа што предавникот подол живее уште.

Јулија

Да мајко, оти не ми е на дофат од рацеве.
Инаку никој ко мене на него не би ја наплатил
смртта на Тибалт.

Капулети

Ќе ја одмаздиме, ти велам, не бери гајле.
Престани затоа да плачеш. Во Мантова кајшто овој протеран расипикуќа живее
имам човек што таков пијалок ќе му смати
што овој наскоро друштво на Тибалт ќе му прави;
тогаш се надевам задоволна ќе бидеш.

Јулија

Навистина, никогаш задоволна нема да бидам
со Ромео додека сама не го видам – мртов,
толку срцево по мртвиот роднина ми липа.
Мајко, ако можете да најдете таков човек
отровот да го носи, би го смешала сама
за Ромео, кога ќе го земе да заспие
спокојно и цврсто. О колку срцево ми мрази
името да му го чуе а да не можам кај него
па љубовта што ја коткав за роднината сакан
врз телото на тој што го уби да ја истурам.

Капулети

Најди ти средство а јас човек таков ќе најдам.
А сега, девојко. слушни нешто повесело.

Јулија

Веселоста е добредојдена во олку времиња скудни.
Што има, мајко, кажете ми ве молам.

Капулети

Имаш ќерко, за среќа, внимателен татко;
којшто за тебе, од јадот свој да се тргнеш,
подготви неочекуван весел празник
на којшто не се надеваше, а не се надевав ни јас.

Јулија

Во вистински час. А каков е тој празник, мајко?

Капулети

Замисли ќерко, во четврток рано наутро
доблесниот, млад, благороден велможа
Грофот Парис во црквата свети Петар
свечено за невеста среќна ќе те венча.

Јулија

Жими црквата свети Петар, жими свети Петар
нема тој таму да ме венча ко невеста среќна.
Се чудам на брзинава, да морам да се венчам
пред мажот мој иден да ме побара за жена.
Ве молам, кажете му на мојот господар и татко
дека не сакам да се мажам; а кога ќе се мажам
се колнам дека побргу за Ромео, кого знаете го мразам,
ќе појдам одошто за Парис. Ама вести!
(Влегуваат Капулети и доилката.)

Госпоѓа Капулети

Еве го иде татко ти. Поарно кажи му сама
па ќе чуеш што ќе рече тој на тоа.

Капулети

Кога заоѓа сонцето, земјата цеди роса,
но на зајдисонцето од синот на брат ми истура дожд.
Што е сега, а, девојко? Уште плачеш?
Вечен порој? Во едно телце мало
кривотвориш и чамец и море и ветер,
оти постојано твоите очи, море што ги викам,
со далги од солзи брануваат. Телото твое е чамец
што плови низ солениве води; воздишките ти се ветер
којшто, солзите твои дробејќи ги, а тие него,
ако ненадејно не се смири, ќе го здроби
телото твое од бурата биено. Но жено,
ѝ кажа ли веќе што зборувавме?

Г-ѓа Капулети

Да, господару, но таа не сака, се заблагодари веќе.
Како будалава да е венчана со гробот.

Капулети

Стој, што рече, што рече, жено?
Велиш не сака? Не ни е благодарна?
Зарем нема гордост? Зарем не смета дека има среќа
што, ништожна каква што е, толку вреден
велможа ѝ најдовме да му биде жена?

Јулија

Не горда но благодарна на тоа.
Никогаш горда не сум на она што го мразам.
Но благодарна и на омраза сум ако родена
е од љубов.

Капулети

Што, што, што, што – види ја пипица.Што рече?
'Горда сум' и 'фала ви' и 'не фала ви',
а сепак 'не сум горда'? Слушај ваму, дете,
не туку ми благодари, магодари, не туку ми пуфкај, туфкај
туку ножињата свилени да си ги спремила за четврток
па да си одиш со Парис во црквата свети Петар
за да не те однесам јас на носилка.
Да те нема, муво една зелена! Марш, ѓубре едно,
свеќо недогорена!

Г-ѓа Капулети

Полека, да не се мрдна од умот?

Јулија

(На колена) Татко добар, на колена ве молам,
стрпливо чујте ме само нешто да кажам.

Капулети

Треба да висиш, детиште едно недокважано, болво
чукната! Ти велам, има в четврток да одиш в црква
или повеќе да не ми се појавуваш пред очи.
Молчи, послушај ме, не вели ништо.
(Јулија станува.)
Ме јаде ракава. Жено, мислевме дека нé казнил
Бог што само ова едно дете ни го даде,
но сега гледам дека и ова едно премногу било
и дека е проклетство што го имаме.
Да те нема, бришко!

Доилката

Бог на небо нека ја благослови!
Не е убаво господару, што ја карате така.

Капулети

Зошто, госпоѓо Најмудра? Јазикот поткасај си го
трторешке! Оди дрдори со жеништата, не овде!

Доилката

Не велам ништо лошо.

Капулети

Оди кога ти велам!

Доилката

Зарем не смее ни да се гугне?

Капулети

Доста, чкрапјо една штрба,
умувај со простачките твои на софра,
а нас остави нé на мир.

Г-ѓа Капулети

Е сега ја претера.

Капулети

Ќе полудам, жими лепчето божјо. Дење, ноќе
думаш, шесташ, сам, во друштво, се грижиш
маж да ѝ погодиш, а сега кога си го нашол
велможа вистински по род и по стебло,
убав преубав, богат, млад делјан,
благороден, што велат, со сите нишани, полн чесност,
достоинствен ко што човек само да посака може,
тогаш ти иди шупелка една зеленоглава
лигајчарка една надуена, и на сето тоа
ти вели ‘Не се мажам, не можам да сакам;
премлада сум, простете ми ве молам’!
Ќе видиш ти што е прошка! Ако не се мажиш
паси кајшто знаеш, ама во мојата куќа те нећам.
Внимавај, чукни ја главата. Со мене шега нема.
Четврток се ближи. Срцето испитај си го, мисли.
Ако ми си ќерка, за мојот пријател ќе те дадам.
Ако не ми си, беси се, проси, цркни од глад, на улица умри,
оти, жими душава, ќе те откажам од ќерка
и ништо мое ни на сон не ќе добиеш.
Вака ќе сторам. Мисли. Реков и не одрекувам!

Јулија

Зарем нема милост в облаци вгнездена
што дното на жалта моја може да го види?
О мила мајко моја, не ме отфрлај!
Одложи го браков барем месец, недела една,
а ако не можеш, направи ми ја постелата брачна
во темната дупка кајшто лежи Тибалт.

Г-ѓа Капулети

Не ми говори мене, зашто збор нема да чуеш.
Прави како што сакаш, од тебе кревам раце.

Јулија

О боже, - О, дадилко, како ова да се спречи?
Маж ми е на земја, вербата моја на небо.
Како таа верба на земја да се врати
освен маж ми од небо да ми ја прати
напуштајќи ја земјата? Утеши ме, дај ми совет,
леле, леле, кога небото со такви замки се служи
против суштество толку слабо какво што сум јас!
Што велиш? Зарем немаш ниеден збор весел?
Утеха некаква, Дадо.

Доилката

Имам, еве што е: Ромео
е протеран, се обложувам во сé на светот
дека во никој случај не ќе смее кај вас да дојди,
а ако дојди, ќе мора да го прави тоа скришно.
Значи, штом работите стојат како што стојат,
мислам дека е најдобро да се омажите за

грофот.
О, тој е господин прекрасен!
Ромео може вода да му носи. Ни соколот, госпоѓице,
нема толку зелено, остро, бистро око
ко што има Парис. Чума да ме сотре,
ако не мислам дека многу посреќна ќе бидете
во вториов брак одошто во првиот; ако не е така,
тогаш во секој случај првиот ви е мртов, или како
мртов оти и жив да е немате од него никакво фајде.

Јулија

Од срце зборуваш?

Доилката

И од душа, нека ми се проклети ако лажам.

Јулија

Амин!

Доилката

Што?

Јулија

Ме утеши велам, алал да ти е.
Оди и кажи ѝ на мајка ми дека отидов
во ќелијата на отец Лоренцо да се исповедам
за да ми прости татко ми што го навредив.

Доилката

Одам, веднаш, мудро постапувате, велам.

Јулија

(Ја гледа како заминува)
Вештерке стара! Пачавро лоша, лоша!
Дали поголем е грев што ме тера зборот да го згазнам
или мажот што вака ми го црни со ист оној јазик
со кој пред тоа илјадапати го коваше во ѕвезди?
О, оди, оди адвокату дрвен!
Од сега натаму ти и срцево не сте веќе едно.
Одам кај отецот, може лек некој ќе испили.
Ако сé пропадне, барем за умирачка имам сили.
(Излегува.)

Чин ЧЕТВРТИ

Сцена 1

(Влегуваат отецот Лаврентиј и грофот Парис.)

Отец Лаврентиј

Четврток, господине? Многу кус е рокот.

Парис

Дедо ми Капулети така сака,
а јас не мислам брзаницата да му ја забавам.

Отец Лаврентиј

Велите не знаете што мисли невестата?
Нерамен ви е патот. Не ми е по мерак.

Парис

Неумерено таа ја жали смртта на Тибалт,
па затоа малку и говорев за љубов,
зашто Венера не се смее во домот
ожалостен.
Татко и пак, од своја страна, опасно го смета
паѓањето нејзино во толку тучна тага,
па мудро брза со нашата свадба,
за да ја сопре поплавата од нејзини солзи
која премногу ја гуши кога е сама
а може да се сотре во соодветно друштво.
Сега ја знаеш и причината за брзаницата.

Отец Лаврентиј

Камо да не знам зошто треба да се забави.
Гледајте, господине, госпоѓицата кон ќелијава иде.
(Влегува Јулија.)

Парис

Во право време, госпоѓо и жено моја.

Јулија

Тоа може да биде, господине, кога ќе бидам жена.

Парис

Тоа може и мора да биде, мила, во четврток.

Јулија

Тоа што мора сигурно ќе биде.

Отец Лаврентиј

Тука нема дилеми.

Парис

Доаѓаш сега на исповед кај попов?

Јулија

Ако ти одговорам, ќе се исповедам пред тебе.

Парис

Не му одрекувај дека ме сакаш.

Јулија

Ќе ти се исповедам дека го сакам.

Парис

И нему, знам, ќе му речеш дека мене ме сакаш.

Јулија

Ако сторам така, ќе има поголема вредност
зашто кажано ви е зад грб, а не в лице.

Парис

Сирота душо, солзите лицето ти го грдат.

Јулија

Мала победа добиваат со тоа,
зашто и пред нив грдо си беше.

Парис

Вака зборувајќи уште повеќе го грдиш.

Јулија

Вистината, господине, никогаш клевета не е,
а тоа што го кажав, в лице себеси си го кажав.

Парис

Твоето лице е мое, а ти го наклевети.

Јулија

Можеби е така, зашто тоа не ми припаѓа мене.
Слободен сте сега свет оче или
да дојдам кај вас за вечерната?

Отец Лаврентиј

Токму сега сум слободен, тажна ќерко.
Грофе, ќе ве замолам да не оставите сами.

Парис

Не дај боже на божјиот чин да му пречам.
Јулија, значи рано во четврток ќе те разбудам
а дотогаш збогум и чувај го светиов бакнеж.
(Излегува.)

Јулија

Затвори ја вратата, а откако ќе го сториш тоа
заплачи со мене: нема надеж, нема лек, нема помош.

Отец Лаврентиј

О Јулија, веќе ја знам твојата мака
и само думам, шестам, излез да најдам.
Слушам дека мораш, без одлагање,
во четврток да се омажиш за овој гроф.

Јулија

Не вели ми оче, дека си чул за оваа,
ако не знаеш да ми кажеш како да го спречам.
Ако вака мудар не знаеш помош да ми дадеш,
тогаш барем само одлуката моја наречи ја мудра
па со ножов веднаш да си дадам помош.
Бог срцево со срцето на Ромео ги спои, ти рацете,
и пред ракава која со онаа на Ромео ти ја врза
послужи за склопување на некој друг брак,
или пред верново срце со предавничка буна
да се сврти кон друго, ножов ќе ги убие сите.
Затоа, од долгото искуство на твојот живот
дај ми некој совет веднаш, или гледај
како крвничкиов нож забиен в гради
ќе ни пресуди и на страдањево и мене
решавајќи го она кое ни мудроста твоја
ни вештината не можат чесно да го решат.
Не должи, говори, зашто не најдеш ли билка
кон смрт срцево незадржливо ме шилка.

Отец Лаврентиј

Чекај ќерко, сепак наѕирам некаква надеж,
Од очај е, но очајно е и она што сакаш да го спречиш.
Ако место да се омажиш за грофот Парис
имаш сила и волја да се убиеш сама,
тогаш, верувам, ќе сакаш да превземеш
нешто слично на смртта за да го сотреш

срамот,
фаќајќи се во костец со самата смрт за сопственииот спас.
Превземи го ова и ете ти го мојот лек.

Јулија

О подобро речи ми место да се мажам за Парис,
попрво да скокнам од бедемите на која и да е кула,
Да акам по друмовите разбојници кајшто демнат,
Речи ми да влезам во жив змијарник: врзи ме со мечки
разбеснети, или ноќе сокри ме во мртовечница,
преполна костури што везден клопотарчат,
И баздливи коски и черепи, обездушени и жолти
или речи ми да влезам во пресно ископан гроб
па да легнам со мртовецот во неговата плаштеница,
нешта кои само од чуено, ме тераа да се стресам,
па ќе сторам така без страв или двојба,
за да останам неизвалканаа жена на мојот сакан.

Отец Лаврентиј

Тогаш добро. Оди дома, биди весела, согласи се
Парис да го земеш: Утре е среда,
утревечер гледај да си легнеш сама,
не дозволувај ни доилката да ти легне в соба.
Земи го ова шишенце, а кога ќе си легнеш испиј го сиот овој чист напиток.
Веднаш ќе ти потече низ сите твои вени студена и приспивлива течност; пулсот
ќе си постои и натаму но нема да се слуша.
Ни топлината, ни здивот не ќе кажуваат дека си жива.
Ружите од усните твои, од образите ќе свенат
пепел ќе станат; ќе се склопат капаците очни
ко смртта кога го затвора денот на животот.
Секој дел телесен од моќта за движење лишен
ќе се вкочани и стврдни, во сé ќе изгледаш како мртва.
И во оваа позајмена слика на свената смрт
ќе останеш рамно четириесет и два часа
а потоа ќе се разбудиш ко од најсладок сон.
Кога зетот утредента ќе дојде
да те буди, ти в постела ќе лежеш ко мртва:
тогаш спроти обичаите на нашава земја,
во најубава руба, на носила, со откриено лице,
ќе те однесат во почивалиштето на твоите претци,
во онаа засводена гробница стара
во која лежи сиот род на Капулети.
Во меѓувреме, додека ти не се разбудиш,
Ромео од моето писмо ќе ја дознае уџдурмата
и ќе дојде овде за обајцата, тој и јас,
да гледаме како се будиш, па уште истата ноќ
да те земе и да те однесе оттука во Мантова.
Ова ќе те спаси од резилот што би следел доколку непостојаноста или стравот женски
не ти ја земат смелоста при изведувањето на чинот.

Јулија

О давај, давај, о не говори ми за страв.

Отец Лаврентиј

Држи. А сега оди и биди ми силна и цврста во решеноста. Итно ќе испратам еден монах во Мантова, со писмо за маж ти страден.

Јулија

О љубов, снага дај ми, снагата помош ќе ми даде.
Збогум, добар оче.
(Излегуваат.)

Сцена 2

(Влегуваат Капулети, госпоѓа Капулети, Доилката и два-тројца слуги.)

Капулети

Повикај ги само овде запишаните гости.
Момче, оди и најми дваесет добри готвачи.

Слугата

Нема да добиете ниеден лош, господару,
зашто ќе испитам дали можат да си ги лижат прстите.

Капулети

А зошто така да ги испитуваш?

Слугата

Затоа што, господару, лош е оној готвач што не може да си ги лиже сопствените прсти:
оттука оној што не може да си ги лиже прстите, нема да го најмам.

Капулети

Добро, оди!
(Излегува.)
Нема да се подготвиме за толку кусо време.
Дали ќерка ми отиде кај отец Лаврентиј?

Доилката

Да.

Капулети

Добро, може тој добро да влијае врз неа.
Лекоумна е таа е самоволна кокетка.
(Влегува Јулија.)

Доилката

Гледајте ни доаѓа од исповед со весел поглед.

Капулети

Кај беше тврдоглавке една, кај скитна?

Јулија

Таму кајшто научив да се покајам за гревот
што непослушно ти се противев
тебе и на наредбите твои, и кајшто ми рече
светиот Лаврентиј да паднам на колена пред тебе
и да те замолам за прошка, за ваква прошка:
прости ми, отсега во сé ќе те слушам.

Капулети

Побарајте го грофот, кажете му за ова.
Сакам уште утре да се заврзе овој јазол.

Јулија

Го сретнав младиот гроф во ќелијата на Лаврентиј
и му ја укажав секоја должна љубов
без да ги преминам границите на нужната смерност.

Капулети

Мило ми е, така треба, стани!
Баш вака треба! Што сакав она со грофот?
Да, да, знам што беше: оди и доведи го ваму.
Рака на срце, на овој честит свет отец
сиот град многу, многу му должи.

Јулија

Дадилко, ќе дојдеш сега со мене в соба,
да ми помогнеш да си изберам накит
најприкладно што ќе ми стои утре?

Госпоѓа Капулети

Не, немојте пред четврток. Има време.

Капулети

Оди дадилко, оди со неа, утре одиме в црква.
(Излегуваат Јулијаа и Доилката.)

Госпоѓа Капулети

Нема доволно да се снабдиме.
Веќе се ноќува.

Капулети

Без гајле, јас ќе се растрчам,
и сé ќе биде како што треба, ти тврдам, жено,
Ти оди кај Јулија, помогни ѝ да се спреми.
Ноќеска за мене нема спиење, оставете ме сам.
Еднаш и јас можам да бидам домаќинка, така?
Сите отидоа! Тогаш самиот ќе одам
по грофот Парис, да го подготвам него
за утрешниот ден. Камен ко да ми падна под срце.
Кој мислеше дека на непослушницава ќе ѝ дојде умот?
(Излегува.)

Сцена 3

(Влегуваат Јулија и Доилката.)

Јулија

Да, овој фустан е најдобар, но мила дадо,
те молам да ме оставиш ноќеска сама
зашто молитви ми се потребни многу
да го натерам небото насмев да ми фрли,
зашто знаеш, нечиста сум и грешна.
(Влегува госпоѓата Капулети.)

Госпоѓа Капулети

Со што сте зафатени? Дали ви требам?

Јулија

Не, мајко. Избравме сé што ни треба
и што е прикладно за мојот изглед утре.
Но те молам сакам ноќеска да останам сама
а доилката да ја мине ноќта заедно со тебе
зашто сигурна сум ќе имате работа многу
заради брзаницава.

Госпоѓа Капулети

Добра ноќ.
Легни си и одмарај. Одморот многу ќе ти треба.
(Излегуваат госпоѓа Капулети и Доилката.)

Јулија

Збогум! Господ знае кога пак ќе се видиме.
Низ вените ми струи страв морничав, студен
што топлината животна речиси ми ја мрзне.
Ќе ги викнам назад да ме смират,
дадо! Ама што би правела таа тука?
Улогава мрачна ќе си ја одиграм сама.
Дојди шишенце! А ако напитоков нема дејство?
Дали тогаш утре наутро ќе се венчам?
Не, не! Ова тоа ќе го спречи! Легнувај тука.
А што ако ова е отров што самиот отец
подло го подготви за да ме отера во смрт
и така да се спаси од резилот и срамот

што претходно со мојот Ромео ме венча?
Може е така, но сепак не верувам во тоа
зашто тој секогаш бил прав свет човек.
А што ако, кога во гробницата ме легнат
се разбудам уште пред Ромео да дојде
да ме ослободи? Е, тоа би било страшно!
Зарем нема тогаш во гробницата да се загушам
во чија грда муцка здрав не влегува воздух
и да умрам уште пред мојот Ромео да дојде?
Или ако сум жива, зарем не е многу можно
при ужасната глетка од смртта и ноќта
заради стравичноста на самата дупка
во таа засводена, древна катакомба,
во која стотици години коските на сите
мои закопани претци на куп се редат,
кајшто крвавиот Тибалт уште свеж в земја
лежи и гние во плаштеницата своја, кајшто, велат,
во некои саати од ноќта, доаѓаат души;
леле, леле, зарем не е можно така пред време
разбудена, заради гнасниот баздеж
и криковите ко од мандрагора кога ја корнат
од кои смртниците полудуваат веднаш;
зарем не е можно сосем да се мрднам
и опколена од сите страни со овие стравотии грозни
лудачки да се заиграм со коските на моите претци
разобличениот Тибалт од плаштеница да го тргнам
и, спобудалена, со коскиштето од роднина мој некој
ко со ластегарка, мозокот очаен си го истурам?
Гледај, небаре го гледам духот на покојниот Тибалт
во потрага по Ромео којшто телото му го дупна
со врвот од мечот: Запри, запри Тибалт!
Ромео, Ромео, Ромео, напитоков за тебе го пијам!
(Паѓа на постелата зад завесата.)

Сцена 4

(*Влегуваат господата Капулети и Доилката со билки.)*

Госпоѓа Капулети

На, земи ги клучевите и донеси уште зачин.

Доилката

Ви бараат урми и дуњи за благото.
(Влегува Капулети.)

Капулети

Ајде, брзнете, брзнете, вторите петли пропеаја,
Камбаната бие за утрена, три е часот.
Гледај добро да излезат печените, Ангелика,
не стискај, пушти срце.

Доилката

Море бегај женски Пејо,
оди легни си, оти утре ќе ни бидеш болен
што ноќеска не си спиел.

Капулети

Глупости,
за помали работи сум бил по цела ноќ буден
па не сум се разболил.

Госпоѓа Капулети

Да на времето поставуваше стапици за жени
ама сега не ти давам да не спиеш заради тоа.
(Излегуваат госпоѓа Капулети и Доилката.)

Капулети

Љубоморна е, љубоморна.
Влегуваат три-четворица слуги со ражени, цепеници и кошници.
Што се ова, момче?

Првиот слуга

Работи за готвачот, господару, ама што сé не знам.

Капулети

Брзни, брзни, момче, донеси посуви цепеници.
Викни го Петар, тој ќе ти покаже каде има.

Вториот слуга

Не сум труп, господару, знам каде има.
Што има да го викам Петар за ова?
(Излегува.)

Капулети

Види го ти него, му фаќа тиквата, браво.
Се изделкал гадов; види, се разденило.
(Се слуша музика.)
Грофот сега ќе стигне со музиката,
така ми рече, а веќе, еве, го слушам.
Дадилко, жено, ej! Дадилко велам, кај си?
(Влегува Доилката.)
Оди разбуди ја Јулија, дотерај ја фино.
Јас одам со Парис да помуабетам, брзни, брзни,
кога ти велам, зетот веќе ни дојде.
Не стој, мрдни!
(Излегувааш.)

Сцена 5

(Влегува доилката)

Доилката

Госпоѓице, ej, госпоѓице, Јулија! Ама заспала!
Ej јагненце, душичке, види ја ти спанка!
Ej, сакана, слушаш? Госпоѓо, душо, невесто!
Што? Ни збор? Ја користиш сега можноста
да се наспиеш за цела недела зашто, идната ноќ,
знам, грофот Парис мирот свој ќе го жртвува
за мир тебе да не ти даде. Боже прости ми!
Амин господи! Ама спие цврсто! Сепак морам
да ја разбудам: госпоѓице, госпоѓице, госпоѓице,
ако грофот те најде во постела
пердуви има да летаат од тебе, слушаш?
Што, облечена? Си се облекла па пак си легнала?
Мора да те разбудам, госпоѓице, госпоѓице, госпоѓице.
Леле, леле, помош, помош, госпоѓицата ми е мртва.
Проклет да е денот што на свет ме донесе,
ракија малку дај те, ej, господару, госпоѓо!
(Влегува госпоѓа Капулети.)

Госпоѓа Капулети

Што е, што викаш?

Доилката

О ден несреќен!

Госпоѓа Капулети

Што е?

Доилката

Гледај, гледај! О ден тежок!

Госпоѓа Капулети

Тешко мене, тешко мене, ах дете мое,
животу мој.
Оживи, погледај ме, или со тебе ќе умрам.
Помош, помош, викај помош!
(Влегува Капулети.)

Капулети

Срам да ви е, зошто не ја доведете Јулија?
Маж ѝ веќе е тука.

Доилката

Мртва е; умрена, мртва. О црн ден!

Госпоѓа Капулети

Црн, црн, мртва е, мртва, мртва.

Капулети

Да видам. Ах, готово! Студена е!
Крвта ѝ се смрзнала, телото смраморило;
животот и усниве се разделиле одамна!
Смртта на неа легнала ко предвремена слана
врз најслаткиот цвет од сето поле.

Доилката

О дену кобен!

Госпоѓа Капулети

О мигу болен!

Капулети

Смртта што ми ја зеде по неа да тагувам,
јазикот ми го врза и не ми дава ни збор да
кажам.
(Влегуваат отец Лаврентиј и Грофот.)

Отец Лаврентиј

Ајде, подготвена е момата да појде в црква?

Капулети

Подготвена е да оди но не и да се врати.
О синко, ноќта спроти венчавката твоја
смртта легнала со жена ти; еве ја кај лежи!
Цвет преубав, прецветан од смртта!
Смртта ми стана зет, смртта ми е наследник,
смртта ќерка ми ја венча. Ќе умрам,
и нејзе ќе ѝ оставам сé. Сé мое е на смртта.

Парис

Зарем толку долго утрово го чекав
за ваква глетка најпосле да ми пружи?

Госпоѓа Капулети

Проклет, тажен, јаден, одвратен дену,
најбеден часу што времето го видела еднаш
на вечниот аџилак исполнет со маки.
Единице сирота, сирото дете мое,
единствена радост моја, утеха моја
а суровата смрт од пред очи ми ја зеде.

Доилката

О таго, о тажен, тажен, тажен дену,
најтажен дену , најјаден дену
што некогаш си ми дошол. О дену,
о дену, о дену, о намразен дену,
никогаш немало толку црн ден ко овој,
о тажен дену, о тажен дену.

Парис

Излажан, разведен, унижен, презрен, убиен!
Најодвратна смрт, од тебе излажан,
од тебе сурова, свирепа, дотолчен сосем.
О љубов, о живот- неживот, во смртта
љубов.

Капулети

Презрен, столчен, омразен, мачен, убиен!
О време немирно, што ни дојде сега
да убиваш, да ја убиеш свеченоста наша?
О дете, о дете, душо моја а не дете мое!
Ти си мртво, леле, детето ми е мртво,
А со него се закопува и радоста моја.

Отец Лаврентиј

Смирете се, како не ви е срам, за тагата лекот
не е во тие плачки: небото и вие
имавте свој дел во убавата мома; сега небото има сé
а тоа е многу подобро за самата мома.
Вашиот дел во неа, не можевте да го спасите
од смртта но небото својот дел во вечноста го чува.
Најмногу што сакавте беше напредокот нејзин,
воздигнувањето нејзино ваше вишно небо;
зошто тогаш плачете сега, кога гледате напред
тргнала над облаците, угоре до самото небо.
О во љубовта, лошо го љубите детето свое
зашто полудувате иако нејзе ѝ е добро.
Лошо е мажена таа што долго живее во брак
а добро мажена таа што млада умира в брак.
Солзите избришете ги, рузмарин истурете
врз трупот убав, и ко што обичајот бара
во најдобрата руба однесете ја в црква.
Зашто иако природата нé турка сега в жалост
сепак солзите природни за разумот се радост.

Капулети

Сите работи што ги подготвувавме за славје
сега ќе ни послужат за црниот погреб;
сите инструменти камбани тажни ќе ни станат
свечените песни тажаленки за закоп.
Свадбените венци ковчегот ќе го красат
и сите ствари спротивни на себе ќе станат.

Отец Лаврентиј

Ајде господине, ајде госпоѓо и вие,
и вие господине Парис. Секој нека се спреми
убавиов труп да го испратите до гробот.
Небото заради нешто многу на вас се срди,
не лутете го, за непослушност да не ве грди.
Сите освен доилката излегуваат,фрлаат рузмарин врз неа и ја затвораат завесата.

Свирачот

Можеме навистина да си ги спастриме инструментите и да фатиме џаде.

Доилката

Честити, добри луѓе, ах, одете, одете
зашто сами гледате, случајов е тажен.
(Излегува.)

Гудачијата

Навистина, случајот сосема се смени.
(Влегува Петар.)

Петар

Свирачи, еј, свирачи, Весело срце, Весело срце,
О, ако сакате да ви поживеам, свирете ми го Весело срце.

Свирачот

Зошто Весело срце?

Петар

О свирачи, зашто срцево ми свири, срцево ми е полно: свирете ми, велам, нешто весело да ме утешите.

Свирачот

Не сме за веселење, не е време за свирка.

Петар

Значи неќете?

Свирачот

Не.

Петар

Тогаш од мене ќе си добиете нешто гадно.

Свирачот

Што ќе добиеме?

Петар

Пари не, жими крстов, туку еден подбив. Ти си, на пример, за мене, обично гусларче.

Свирачот

А ти си пак за мене уште пообично измеќарче.

Петар

Е тогаш ќе те потшибам со измеќарско стапиште по тимбата. Не трпам никој да ме дупи. Ќе те ре-пнам, ќе те ми-фкосам, ќе те фа-кнам, сол-нам, сфаќаш?

Свирачот

Не туку ре-пнувај, ми-фкосувај, фа-кнувај, туку сфати ме ти мене.

Вториот свирач

А да го спастриш стапиштето, и да ја извадиш духовитоста?
Тогаш ќе те потшибам со духовитоста.

Петар

Море ќе те истепам и без стап, со гол ум ако треба.
Одговорете ми ко луѓе.
Кога тешка болка срцето го зграпчи
тогаш музиката по сребрен звук гапчи,
зошто сребрен звук, зошто да гапчи по сребрен звук?
Што ќе кажеш ти на ова, а, Жицо Скината?

Свирачот

Зашто среброто, господине, има пријатен звук.

Петар

Добро. А ти, Ќеманџио?

Вториот свирач

Јас велам сребрен звук, зашто свирачите звучат за сребро.

Петар

И ова е добро. А што велиш ти, Тамбуро Тврда?

Третиот свирач

Навистина не знам што да кажам.

Петар

О, прости ми, те молам. Ти си пејачот, да бе! Ќе одговорам јас место тебе. Се вели музика по сребрен звук гапчи, зашто на свирачите не им се плаќа со злато за свирењето. Сребрениот звук на музиката тогаш со брза утеха ни помага.

Свирачот

Кој е овој итер дркаџија?

Вториот свирач

Остави го, кој го шиша! Да влеземе во салата, ожалостените да ги причекаме, а потоа на вечера.
(Излегуваат.)

Чин ПЕТТИ

Сцена 1

(Влегува Ромео.)

Ромео

Ако може да му верувам на ласкавиот дух на сонот
мојот сон ми претскажува некаква блиска радост,
Господарката на градите весела на тронот ми седи
и по цел ден некакво вдахновение чудно
ме воздигнува горе со весели мисли.
Сонуваав дека жена ми дојде и ме најде мртов,
(Чуден сон во кој мртовецот мисли)
и со бакнеж таква живост низ уста ми вдахна
што веднаш оживев и станав цар.
Ах, колку ли е слатка самата љубов
кога сенките нејзини се толку полни радост.
(Влегува Валтазар.)
Вести од Верона. Што има ново Валтазар?
Ми носиш писмо, можеби, од мојот монах?
Како ми е господарката? Дали татко ми е добар?
А мојата Јулија? Повторно го прашувам ова
зашто ништо не е лошо, ако таа е арна.

Валтазар

Тогаш арна е и ништо не може да е лошо,
телото ѝспие во гробницата на Капулети
а бесмртниот дел нејзин со ангелите се дружи.
Ја видов кога ја сместија во гробницата на нејзините претци
и веднаш тргнав за ова да ви јавам.
Простете што ваква црна вест ви носам,
ама вие тоа ми го запишавте како должност.

Ромео

Значи така? Тогаш, пукнете ѕвезди!
Знаеш каде престојувам, донеси ми хартија
и мастило и најми брзи коњи! Вечерва одам!

Валтазар

Ве преколнувам, господару. Бидете трпелив!
Бледиот и див поглед, се плашам,
навестува зло.

Ромео

Глупости! Се лажеш,
остави ме, и стори го тоа што ти го наредив.
Зарем нема писмо од мојот монах за мене?

Валтазар

Нема, господару добар.
(Излегува.)

Ромео

Не е важно. Битно е ти да одиш
и коњите да ги најмиш. Јас доаѓам веднаш.
Јулија, уште вечерва со тебе ќе легнам.
Само да видам како. О несреќо, колку брзо,
навлегуваш во мислите на секој очајник.
Помнам, живее тука еден аптекар,
во близина пребива, а неодамна го видов
искинат собираше билки, со собрани веѓи,
сув и свиткан, на жив костур личеше,
беда невидена само кожа и коски.
Во дуќанот скуден му висеше желка,
препариран крокодил, и други кожи
од некои изобличени риби, а на рафтовите

просјачки куп од кутии празни
зелени земјени тенџерињa, меури и подјадени семки,
остатоци од коноп, пресовани лисја од ружа
некако складно расфрлани, по некаков чуден ред.
Кога ја видов бедава, веднаш си реков,
ако, не дај боже, ми затреба во животот отров
чија продажба со смрт во Мантова се казнува,
тогаш кај бедников сигурно ќе го најдам.
Таа помисла несреќава бргу ми ја донесе
па овој сиромав бедник мора да ми го продаде.
Колку што паметам ова е неговата куќа.
Празник е, па дуќанот просјаков не работи.
Еј, аптекару, еј!
(Влегува аптекарот.)

Аптекарот

Кој вика толку гласно?

Ромео

Дојди ваму, човеку, сиромав си, гледам,
еве ти четириесет дукати, за грам еден
од оној отров твој со брзо дејство
што за миг се шири низ сите вени
а тој кому животот му дошол до нос паѓа
веднаш мртов, го испушта здивот брзо
и насилно ко ѓуле испукано нагло
што ита од кобната утроба на топот.

Аптекарот

Таков смртоносен отров имам, но законот
во Мантова пропишува смрт за секој
што него го продава.

Ромео

Зарем ти, гол и напуштен од векоѕ,
се плашиш од смрт? На образ ти е испишана гладта,
нужда и неволја од очите ти ползат,
презир и беда на плеќи ти висат,
ни светот ти е пријател ни законот негов,
по законот на светот богат нема да бидеш.
Затоа не биди сиромав, прекрши го и земи го ова.

Аптекарот

Зема сиромаштијата, а не волјата моја.

Ромео

На сиромаштијата твоја и ѝплаќам, а не на волјата твоја.

Аптекарот

Истури го ова во која и да е течност
а кога ќе го испиеш, снагата да ја имаш
и од дваесет мажи, сепак ќе умреш веднаш.

Ромео

Еве ти злато, полош отров за човечката душа
што врши повеќе убиства во светов гнасен
од смесава бедна што не смееш да ја продаваш.
Јас тебе ти продавам отров, не ти мене,
збогум, купи храна и зашутри се малку.
Дојди леку а не отрову, да појдеме према
гробот на Јулија кајшто мора да те земам.

Сцена 2

(Влегуваат монаситѐ Јован и Лаврентиј.)

Монах Јован

Свет мој оче, брате мој, ej!

Отец Лаврентиј

Ова сигурно е гласот на отец Јован.
Добредојде од Мантова, што вели Ромео?
Или ако ми пишал, писмото негово дај ми го.

Монахот Јован

Тргнав да побарам еден босоног брат овде,
некој од редот наш што дружба ќе ми прави
а којшто во градов болните ги посетува.
Но кога го најдов, стражарите градски,
сомневајќи се дека обајцата сме биле
во куќа во која владее заразна чума
ги запечатија портите и не не пуштија
надвор
па така го спречија патот мој до Мантова.

Отец Лаврентиј

Кој го однесе тогаш писмото мое на Ромео?

Монахот Јован

Не можев да го пратам, еве го тука,
а не најдов ни гласник тебе да ти го вратам,
толку уплашени од заразата беа тие.

Отец Лаврентиј

Ама несреќа! Жими светиот наш ред,
писмото не беше убаво ама имаше содржина
многу важна и непристигнувањето на целта
може голема опасност да предизвика; оди,
брате Јоване, најди ми железен копач
и во ќелијата донеси ми го веднаш.

Монах Јован

Одам и ќе ти го донесам, брате.
(Излегува.)

Отец Лаврентиј

Сега морам сам в гробница да одам.
За три часа убавата Јулија ќе биде будна
и многу ќе ме колне кога ќе разбере
дека Ромео не знае ништо за ова.
Ама јас повторно до Мантова ќе пишам,
па дур Ромео не дојде, во ќелијата моја нека
трпи,
сирот жив труп во гробница со куп мртви!
(Излегува.)

Сцена 3

(Влегуваат грофот Парис со пажот, носат цвеќиња и слатка вода.)

Парис

Дај ми го факелот, момче, тргни се од овде.
Сепак изгасни го, не сакам да ме видат.
Под онаа тиса онде спружи се на тлото
а увото залепи го до шупливата земја
ровка, растресена од копањето гробје
така што ниедна нога до гробишта не ќе дојде
без ти да ја сетиш; тогаш свирни ми,
ако чуеш дека некој наваму иде.
Дај ми ги цвеќињата. Стори како што ти реков. Оди.

Пажот

Многу ми е страв сам на гробишта да стојам
ама сепак ќе приберам храброст.
Парис става цвеќе на могилката.

Парис

Крину, со цвеќа го китам невестинскиот одар,
о јаду, покривот ти е прашина и стење,
што со слатка вода ќе го појам ноќе
а нејзе штом ја снема, со солзи од плачов
за почест кон неа постојано ќе итам
за да ја оплачам и гробот да ѝ го китам.
Пажот свири и вика. Господару!
Момчето ми дава знак дека некој наваму иде.
Која проклета нога ваму ноќеска лунѕа
чинот тажен да ми го осквернува и обредот љубен?
Што? Со факел? Сокриј ме ноќ за кратко,
(Влегуваат Ромео и Валтазар со факел,секирче и железен копач.)

Ромео

Дај ми ги секирчето и железниот копач.
Еве, земи го писмово. Утре рано
потруди се да му го предадеш на господарот, мојот татко.
Дај ми го факелот. Во животот те колнам
што и да видиш или да чуеш, стои на страна
и не прекинувај ме во она што го правам.
Во оваа постела на смртта јас се спуштам
и за да го видам лицето на саканата моја
но главно за да го извадам од мртвиот нејзин прст
скапоцениот прстен: прстен што многу ми треба
за целта што ми е на ум. Затоа тргни се!
Но ако од љубопитност се вратиш за ниетот
да ме прекоруваш што сакам да го сторам,
жими господ ќе те растргнам парче по парче
и сите делчиња на гладните гробја ќе ги фрлам.
Мигов и намерите лудачки ми се и многу диви,
понепопустливи и побесни мошне
од гладните тигри и спобудаленото море.

Валтазар

Одам господару и нема да ви пречам.

Ромео

Со тоа го докажуваш пријателството твое.
Земи го ова. Живеј и биди среќен. Збогум, добро
момче.

Валтазар

Сепак тука некаде ќе се скријам! Бог да чува,
погледот негов ме плаши, намерата загрижува!
(Ромео ја отвора гробницата.)

Ромео

Желуднику гаден, утробо на смртта,
што најличниот залак земски го голтна
вака насилно ќе ти ја отворам рилката гнила
па за инает уште храна ќе ти втерам.

Парис

Ова е она протерано, лошо тиќе Монтаги
што роднината на саканата го уби, па од тага
велат, личното суштество ми умре.
А сега е овде некаков подол да им стори
резил
на мртвите тела. Ќе го апсам веднаш.
Запри со богохулното дело, подол Монтаги!
Зар уште му се одмаздуваш и по смртта?
Подлецу осуден, те апсам сега,
покори се и појди со мене, зашто мора да
умреш.

Ромео

Навистина морам, затоа овде сум и дојден.
Добро мое, благородно момче, очајникот не
го лости.
Бегај оттука и остави ме, помисли на сиве
овде мртви,
тие нека те плашат. Те преколнувам, момче,
не ми ставај на глава уште еден грев,
фрлајќи ме во гнев. О оди,
жими господ повеќе те сакам одошто самиот
себе,
зашто овде дојдов наоружан само против
себе.
Не стој, заминувај, живеј, и речи потоа, не
сега
дека милоста на лудакот те натера да бегаш.

Парис

Ги презирам сите вештерства твои
и ко злосторник сега те апсам!

Ромео

Ама си навалил! Па добро, нека ти биде,
момче!
(Се борат.)

Пажот

О господе, се борат! Одам да викнам стража!
(Излегува.)

Парис

О прободен сум! Ако милост имаш,
отвори го гробот и легни ме до Јулија!
(Умира.)

Ромео

Така ќе сторам. Да го видам ова лице.
Роднината на Меркуциј, благородниот гроф
Парис!
Што ми велеше момчето мое, а душата воз-
будена моја
не го слушаше дури јававме? Мислам
ми рече дека Парис требало Јулија да ја
земе.
Зарем не рече така? Или сонував дека рече?
Или сум луд, па го чув како за Јулија нешто
рече
ама не сум сигурен дека рече? О, дај ми рака
ти што со мене во книгата на несреќници си
впишан!
Ќе те закопам во триумфалниот гроб!
Гроб? О не, во кулата сјајна, заклано момче,
зашто овде почива Јулија а убавината
нејзина
од гробницава прави балска сала полна свет-
лост.
Почивај тука мртов од мртовец закопан сега.
Честопати кај луѓето, пред да умрат
се јавува веселост! Темничарите ја викаат
неа
веселост пред смрт! О, како ова да го викам
веселост? О љубов моја, жено моја,
смртта што медот го исцицала од твојот здив
уште не ја победила убавината твоја.
Не си поразена, бајракот лицбен уште
на твоите се румени усни и на образите твои
и не се развеало таму бледото знаме на
смртта.
Лежиш тука Тибалт во плаштеницата
крвава твоја?
О каква поголема услуга да ти сторам
од оваа сега кога со раката младоста што ти
ја кутна
младоста ќе ја пресечам на душманот твој?
Прости роднино. О мила Јулија
зошто си уште толку лична? Дали да веру-
вам

дека смртта бестелесна се заљубила
и дека чудовиштtео суво, гадно, те држи
овде во темницата за љубовница да му
бидеш?
Од овој страв вечно ќе останам покрај тебе
и никогаш повеќе од дворецов на ноќта црна
не ќе заминам. Овде, ќе останам овде,
со црвјата што се твои дворјанки. О овде
ќе го најдам вечниот свој спокој
и ќе го отфрлам јаремот на ненаклонетите
ѕвезди
од телово уморно од светот. Очи, уште
еднаш
погледајте ја, раце, прегрнете ја за последен
пат,
а вие усни, порти на здивот, ставете сега со
праведен бакнеж
траен печат врз спогодбата вечна со нена-
ситната смрт!
Ајде пелин-водичу, вожду мој бесвкусен,
крмару очаен, насочи го веднаш
кон острите спили, чунот разболен од
морска болест!
Пијам за саканата. О честит аптекару,
отровот ти е брз. Вака со бакнеж умирам.
(Паѓа.)
(Влегува Лаврентиј со фенер, копач и
лопата.)

Отец Лаврентиј

Свети боже, помагај! Колкупати ноќва
стариве нозе од гробовите ми се сопнаа? Кој
е таму?

Валтазар

Пријател што вас добро ве познава.

Отец Лаврентиј

Благословен да си. Кажи ми, пријателу
добар,
што факел е оној онде што залудно
светлината ја троши
за црвја и черепи без очи? Колку што гледам
гори во гробницата на Капулети.

Валтазар

Така е, свети оче, а и мојот господар е таму
оној што вие го сакате.

Отец Лаврентиј

Кој е тој?

Валтазар

Ромео.

Отец Лаврентиј

Колку време е таму?

Валтазар

Има барем половина час.

Отец Лаврентиј

Дојди со мене во гробницата.

Валтазар

Не смеам, оче.
Господарот мој не знае дека уште сум тука,
со смрт тој ми се закани дека ќе ме казни
ако останам намерата да му ја видам.

Отец Лаврентиј

Остани тогаш. Сам ќе одам, иако страв ме
фаќа.
Се плашам да не нешто страшно се има
случено.
Отецот пристапува и здогледува крв и
оружје.

Валтазар

Како што сум заспал под тисава овде
сонував дека господарот мој со некого се
борел
и дека господарот мој го убил.

Отец Лаврентиј

Ромео!
Леле, леле, чија е оваа крв што влезов
камен на гробницава го извалкала?
Што значат мечевиве, крвави, без господар,
оставени безбојни крај местово за покој?
Ромео, о блед е! И уште некој? Кој? Парис?
Сиот во крв? Ах, кој ли час суров
виновен е за оваа згода кобна?
(Госпоѓата се буди.)
(Станува Јулија.)

Јулија

О оче, утешителу мој, каде ми е мажот?
Добро помнам каде треба да бидам,
а тука и сум. Каде е мојот Ромео?

Отец Лаврентиј

Слушам гласови, госпоѓо. Излегувај, те молам,
од гнездово на смртта, заразата и неприродниот сон.
Поголема сила, многу посилна од нас
намерите ни ги спречи. Оди, излегувај надвор.
Маж ти мртов на гради ти лежи.
А и Парис. Оди, ќе те сместам веднаш
во редот на сестрите, монахињи свети.
Не прашувај многу зашто доаѓа стража.
Ајде, одиме, добра Јулио, не смеат овде да ме најдат.
(Излегува Лаврентиј.)

Јулија

Оди, оди одовде, зашто јас останувам.
Што е ова? Пехар стегнат во раката на мојот сакан?
Отровот гледам му донесе безвремен преод.
О циције, си испил сé? Не си оставил пријателска капка
да ми помогне по тебе да тргнам. Усните ќе ти ги бакнам,
можеби на нив има уште малку отров
за да умрам од напитоков исцелителен.
Усните ти се топли.

Доаѓа Пажот на Парис со стража.

Првиот стражар

Кажи момче, на каде.

Јулија

Луѓе? Тогаш мора да брзам. О ножу среќен.
Еве ти ја канијата. Овде рѓосај, пушти ме да умрам.
(Се прободува со ножот и умира.)

Пажот

Ова е местото, онде кајшто факелот гори.

Првиот стражар

Тлото е крваво. Пребарајте ги гробиштава, одете! Апсете го секој што ќе го најдете.
Тажна глетка, овде убиен лежи грофот,
Јулија во крв, уште топла, штотуку умрена,
а лежеше тука закопана цели два дена.
Јавете му на кнезот, трк кај Капулети,
викај ги Монтаги; другите извршете претрес.
Гледаме од каде сите овие зла дошле
ама вистинската основа за сиве тажни случки
не можеме да ја знаеме без потребните детали.
(Влегува Валтазар.)

Вториот стражар

Еве го пажот на Ромео. Го најдовме на гробишта.

Првиот стражар

Држете го под стража додека не стигне кнезот.
Влегуваат отец Лаврентиј со друг стражар.

Третиот стражар

Еве го монахот. Се тресе, воздивнува, липа,
ги одзедовме копачов и лопатата од него
зашто си заминуваше од гробиштава.

Првиот стражар

Тоа е многу сомнително. Задржете го и него!
(Влегува кнезот.)

Кнезот

Какво зло толку рано не стана
од нашиот утрински сон?
(Влегуваат Капулети и неговата жена.)

Капулети

Што го тера светот од сите страни да вика?

Госпоѓа Капулети

Луѓето по улици викаат Ромео,
некои Јулија, некои Парис и ко спобудалени
трчаат сите кон гробницата наша.

Кнезот

Каков страв во ушите сега ни пишти?

Првиот стражар

Господару, овде убиен лежи грофот Парис,
и Ромео е мртов, а Јулија, иако од порано
мртва
топла е и штотуку убиена.

Кнезот

Барајте, истражувајте и дознајте како се
случило
гнасново убиство.

Првиот стражар

Овде се еден монах и пажот на убениот
Ромео
со алатки погодни за отворање
на гробницава на починатите.

Капулети

О небо! О жено, гледај како ќерка ни
крвави!
Ножов погрешил, зашто празен му е домот
на плеќите од Ромео а нов нашол
во градите од нашата ќерка.

Госпоѓа Капулети

Тешко мене, глеткава на смртта,
камбана е претсмртна за староста моја.
(Влегува Монтаги.)

Кнезот

Дојди Монтаги, си станал рано синот
да го видиш и наследникот уште порано
паднат.

Монтаги

Тешко мене, господару, жена ми ноќва умре,
тагата за синот протеран здивот ѝ го зеде.
Кое друго зло врз староста ќе ми падне?

Кнезот

Погледај па ќе видиш!

Монтаги

О ти неук! Зарем му личи на синот
пред таткото да побрза в гроб?

Кнезот

Запечатете ја устата на болот барем за
малку
додека овие нејаснотии ги решиме
и не ги дознаеме изворот нивен, јадрото,
потеклото нивно,
потоа генерал ќе станам на вашите болки,
и до смртта ќе ве водам: но воздржете се
сега,
и нека жалоста роб на трпението ви стане.
Доведете ги осомничените пред мене.

Отец Лаврентиј

Јас сум главниот иако најмалку кадар
за таков чин. Сепак сум најсомнителен
зашто

времето и местото на тој злостор грозен
се против мене. Еве ме стојам овде, самиот
да се обвинам, исчистам, осудам, оправдам.

Кнезот

Тогаш веднаш кажи ни сé што за ова знаеш.

Отец Лаврентиј

Ќе бидам краток, зашто рокот краток на здивов
не е толку долг колку што е приказнава долга.
Ромео, овде мртов, беше маж на Јулија,
а таа, онде мртва, на Ромео верна жена.
Јас ги венчав, а денот на венчавката тајна
беше ден суден за Тибалт чија безвремена смрт
го протера новоженетиот од овој град.
За него, а не за Тибалт, Јулија почна да вене.
А ти, за да ја тргнеш опсадата од тага од неа
ја сврши и сакаше на сила да ја мажиш
за грофот Парис. Тогаш таа дојде кај мене,
и излезена од памет, побара да смислам начин
да се ослободи од мажачката втора,
или во ќелијата моја, рече, ќе се убие.
Тогаш ѝ дадов *(по сопствен изум)*
напиток што заспива, чие дејство беше
како што очекував, па така на сите им се стори
дека умрела. Во меѓувреме на Ромео му пишав
веднаш овде да дојде, во оваа ноќ кобна,
за заедно, од позајмениот гроб, да ја извадиме
зашто тогаш дејството на напивката престанува.
Но носителот на писмото, монахот Јован,
случајно беше задржан, па вчеравечер
писмото ми го врати. Сам тогаш
во предвидениот час на будењето нејзино
дојдов да ја извадам од гробницата родninска,
сакајќи во својата ќелија да ја кријам
додека во погоден миг не стигне Ромео.
Но кога дојдов, на неколку минути пред
будењето нејзино, овде предвремено мртви
лежеа благородниот Парис и верниот Ромео.
Таа се разбуди а јас ја молев да појде со мене
и трпеливо да го поднесе небесново дело.
Но тогаш некаков викот од гробницата ме исплаши
а таа, очајна многу, не сакаше со мене да појде
туку, изгледа, сама насилство изврши врз себе.
Ова е сé што знам, а за бракот нејзин знае
и доилката. Ако по моја вина злото
се случи, нека мојот стар живот
пред време се жртвува под прописот
на најстрогиот закон.

Кнезот

Отсекогаш сме те познавале како свет човек.
Каде е пажот на Ромео? Што ќе рече тој за ова?

Валтазар

Јас на господарот му ја донесов веста
за смртта на Јулија а тогаш тој итно
дојде овде од Мантова, кај гробницава право.
Ми рече уште рано писмово да му го дадам
на татко му и ми се закани со смрт, на патот за
гробницата, ако не заминам и не го оставам сам.

Кнезот

Дај ми го писмото, јас ќе го прочитам.
Каде е пажот на грофот што стражата ја викна?
Момче, што правеше господарот твој овде?

Пажот

Дојде со цвеќе да го закити од саканата гробот
и ми нареди потаму да стојам а јас така и сторив.
Потоа дојде некој со факел да го отвори гробот

но по малку господарот мој го извлече мечот
а јас истрчав стражата да ја викнам.

Кнезот

Писмото ги потврдува зборовите на нашиот монах,
текот на нивната љубов, гласот за нејзината смрт.
Уште пишува дека отровот го купил
од некој сиромашен аптекар па со него
дошол во гробницава да умре и легне крај Јулија.
Каде се душманите? Капулети, Монтаги,
гледате што камшик удри по омразата ваша?
Небото пат најде радоста да ви ја убие со љубов.
А јас, којшто низ прсти на раздорот ваш гледав
Загубив двајца роднини. Казнети се сите.

Капулети

О брате Монтаги, дај ми рака. Нека ракувањето мираз биде за ќерка ми, зашто друго не можам да барам.

Монтаги

Ама јас можам повеќе да дадам
зашто статуа ќе ѝкренам од чисто злато
па сé додека срца низ Верона бијат
сите ќе ја помнат верната Јулија.

Капулети

Иста таква и на Ромео крај неа ќе се виши
мала откупнина за омразата ни грда.

Кнезот

Тмурен мир утрово со себе ни носи
сонцето од тага не сака да се јави
одете, муабетете уште за ствариве лоши
некои ќе бидат казнети, некои ќе заминат прави.
Оти поливе светски потажна приказна не кријат
од оваа за Ромео и неговата Јулија.
(Излегуваат.)

Ричард Третий

Наслов на оригиналот:

The Tragedy of Richard the Third

Л И Ц А :

Кралот Едвард Четврти
Едвард, принц од Велс, подоцна крал Едвард Петти
Ричард, војвода од Јорк синови на кралот
Џорџ, војвода од Кларенс
Ричард, војвода од Глостер, подоцна крал Ричард Трети браќа на крал Едвард
Едвард Плантагенет, син на Кларенс
Хенри, гроф од Ричмонд, подоцна крал Хенри Седми
Кардинал
Архиепископот од Јорк
Епископот од Ели (Џон Мортон)
Војводата од Бакингам
Војводата од Норфолк
Грофот од Сари, син му
Ентони Вудевил, грофот Риверс, брат на Елизабета
Маркизот од Дорсет **и** ***Лорд Греј,*** синови на Елизабета
Грофот од Оксфорд
ЛордХастингз
ЛордСтанли, лорд од Дерби
Лорд Лавел
Сер Томас Вон
Сер Ричард Ратклиф
Сер Вилијам Кејтзби
Сер Џејмз Тирел
Сер Џејмз Блант
Сер Волтер Херберт
Сер Роберт Брекенбери, надлежен на Кулата
Сер Вилијам Брендон
Кристофер Урсвик, свештеник
Друг свештеник
Тресел и Беркли, придружници на лејди Ана
Градоначалникот на Лондон
Шериф

Елизабета, кралица на Едвард Четврти
Маргарита, вдовица на кралот Хенри Шести
Војвоткаta *од Јорк,* мајка на кралот Едвард Четврти
Лејди Ана, вдовица на Едвард, принцот од Велс, син на Хенри Шести; подоцна се мажи за Ричард.
Маргарита Плантагенет, ќерка на Кларенс

Духовите на сите убиени од Ричард; лордови и придружба; писар, граѓани, убијци, гласници, помошник гласник, војници и др.

И според внатрешните и според надворешните податоци, ***Ричард Трети*** е драма што припаѓа на првиот период од творештвото на Вилијам Шекспир. Од една страна, за тоа зборува изедначеноста на стилот, версификацијата и психолошката обработка на ликовите, а од друга, податокот дека е пишувана помеѓу 1592 и 1593 година кога, поради беснеењето на чумата, биле затворени сите театри во Лондон.

Следата настани не е оригинална. Изворите за неа се некои стари хроники, неколку претходни трагедии печатени во книгата *Огледало за судиште* од кои се извлечени сцените со Кларенс, потоа *Историјата на Англија* од Полидор и недовршената *Историја на кралот Ричард Трети* од Томас Мор која важи за најнепосреден извор врз кој се засноваат настаните заклучно со четвртиот чин. Но, се разбира, овие позајмувања не ја засенуваат оригиналноста на завршната Шекспирова верзија, од проста причина, што таа, за разлика од штуроста и ладнокрвноста на изворната фактографија, нуди високо естетско и уметничко доживување. И, како што вели еден критичар, доколку, по некој случај, Мор доживееше да ја види ***Ричард Трети*** на сцената во пролетта 1594 година и самиот одушевено ќе му ракоплескаше на генијалноста на младиот драматичар.

И според настаните и според самите ликови, ***Ричард Трети*** е драма длабоко вшиена во историјата на англискиот народ. Заедно со *Хенри Шести* (особено третиот дел), таа го опфаќа веројатно најтажниот период од англиската историја: граѓанската војна од втората половина на 15-от век, т.н. *Војна на розите* водена помеѓу кнежевските домови на Ланкестер и Јорк која, со својата свирепост, речиси сосема ќе го уништи тогашното англиско племство. Но и покрај историските подлога, ***Ричард Трети*** не може да се смета само за историска драма. Неколкуте прикажани трагични судбини започнати и завршени во едно сурово време, ја издигнуваат неа до ниво на индивидуална и колективна трагедија. Од индивидуалните судбини, најприсутна и најдетално е следена онаа на кралот Ричард. Нејзината трагичност е навестена уште во третиот дел на *Хенри Шести* кога Ричард го најавува својот поход кон англискиот престол. Притоа, храна му се нереалните амбиции, облека подлоста, средства сплетките и колежот а негово покритие лукавството. Интелигентен и бескрупулозен, тој е апсолутен господар во светот низ кој дефилираат слаби, бесцелни и пред сé, наивни ликови. Ричард сам ја започнува и сам ја завршува својата трагедија. Иако е убиен од Ричмонд, идниот крал Хенри Седми, вистинските причини за неговата смрт не лежат во јачината на противникот (односот на силите на самото боиште е еден спрема три во корист на Ричард), туку лично во него, во неговата природа. Онака чудовишно скроен, турнат на странпатицата на сопствените амбиции, не наоѓајќи вистински противник на земјата, а теран слепо напред од монструмот во себе, тој постојано води само две вистински битки: против натприродните сили отелотворени во сенишниот лик на старата кралица Маргарита и против сопственото проклетство. И во двете е поразен. Со тоа завршува неговата лична трагедија, завршуваат другите индивидуални трагедии а, како крајна последица од тоа, завршува колективната трагедија на едно разјадено и разединето општество.

Драмата ***Ричард Трети*** е првпат преведена на македонски од Драги Михајловски во 1985 година, а првпат поставена на сцената на МНТ од режисерот Рахим Бурхан во 1989 година. (Премиерата, со Владимир Светиев во главната улога, беше играна на Имарет во Охрид.) Овде ја печатиме преработената верзија на првиот превод.

Чин ПРВИ

Сцена 1

Лондон. Улица

(Влегува Ричард, Војводата од Глостер)

Глостер

Зимата сега на нашиот чемер
лето е сјајно од сонцето на Јорк
и облак муртав над дом што ни ездел
затонал в темни пазуви морски.
Венци победни чела нам ни красат
за спомен мечот изабен виси;
узбуни грозни весели се средби
маршеви напорни радосни игри.
Воинот смуртен разведрил лика и
сега, место в бој да бодина коња
и страв да влева в душмански срца,
во одаи дамски бувнува вешто
на звукот мамлив од раскошна флејта.
Но јас, што скроен не сум за забави
нити создаден заводник да бидам,
роден алип, без дарба љубовна пред
гиздава, блудна нимфа да се прчам,
јас, од става убава што сум лишен,
од творецот дволичен измамен, грд,
пред време на свет испратен, полуготов
одвај, толку гаден и неомилен
што пците на пат по мене лајат,
јас, во времево мирнодопско, благо,
немам начин друг денот да ми мине,
освен сенката на сонце да си ја следам
и подбив да бијам со изгледот свој.
Тогаш штом за љубовник не ме бива,
дни слаткозборни фино да си врвам,
се решив ништожник да станам развратов
денешен, безделничав да го мразам.
Завера сковав, гласини пуштив,
со луди пророштва, клевети, сништа,
брат ми Кларенс и кралот да ги набедам
во омраза смртна еден против друг:
а крал Едвард ако праведен е и искрен
ко јас што сум вешт, подмолен и злочест
веќе денес Кларенс ќе го затворат
за пророштвото по кое Џ некој
децата на Едвард ќе ги убие.
Но, тлејте мисли, ене Кларенс иде.
(*Влегува Кларенс под стража и Брекенбери)*
Добар ден, брате. Зошто таква стража
милоста твоја ја следи?

Кларенс

Кралот
за сигурноста моја грижејќи се
под ваков надзор ме праќа в Кула.

Глостер

А причина е?

Кларенс

Оти Џорџ се викам.

Глостер

Но, лорде мој, што имаш ти со тоа;
нека кралот нункото твој го обвини.
Да не мисли неговото Величество
ново име в Кула да ти даде?
Но, што е всушност Кларенс? Може да
знам?

Кларенс

Може Ричард. Но се колнам не знам
ни сам. Се слуша тој слепо во сонови
и пророштва верува; па така од
азбука буквата Џ ја исчипчил
и вели видовит човек му рекол

од престолот, Џ некој, породот ќе му го лиши:
следствено, за него јас сум тој оти
името мое Џорџ на Џ почнува*.
Вакви и слични играрии, слушам,
го подбоднале кралот да ме апси.

Глостер

Ете, штом мажот жена го владее.
Не те праќа кралот в Кула туку
леди Греј, Кларенс, жена му. Таа
на ваква крајност го натерала.
Зарем таа и оној господин
добар, Ентони Вудевил, брат ѝ
не го пикнаа лорд Хастингз в Кула
од каде дури денеска е пуштен?
Несигурни сме Кларенс, несигурни.

Кларенс

Жими господ, никој не е сигурен
освен роднините на кралицата
и ноќните гласници од кралот до
мадам Шор што трчкаат. Зарем не чу
колку ниско падна лорд Хастингз за
да го пуштат?*

Глостер

Понизно пред нејзе во молби зајде
и лордот канцелар слобода најде.
И чуј ме, ако сакаме кралот
в милост да не држи, слуги понизни
мора да сме нејзини. Вдовицата
прекапена и онаа дама, од дрдорки
благороднички моќни, брат ни во
кралството ги направи.

Брекенбери

За прошка вашите благородства ги
молам но, неговото величество
нареди строго никој во
кралството, без оглед на рангот, да не
смее на само со братот свој да
зборува.

Глостер

Значи така. Но ако по волја е
на висоста твоја, Брекенбери,
повели па слушај. Не зборувавме
за предавство, човече: велиме
кралот ни е вешт и мудар а добро
кралицата се држи, лична е,
не љубомори; велиме дека
жената на Шор добри нозе има,
слатки усни, бодри очи, менлив јазик;
родот краличин станал господски,
ти господине, што велиш на ова?

Брекенбери

Со тоа милорде, јас немам ништо.

Глостер

Со мадам Шор немаш ништо? Тој што со
нејзе и малку има, освен еден,
најдобро тајно сé да чини, скрито.

Брекенбери

Кој еден, милорде?

Глостер

Мажот ѝ подлецу. Ме проверуваш?

Брекенбери

За прошка вашата милост ја молам
со војводата да не разговара.

Кларенс

Знаеме што ти е наредено, Брекенбери
и ќе слушаме.

Глостер

Робови сме на
кралицата и мора да слушаме.
Збогум брате, кај кралот одам
па и да морам вдовицата на крал
Едвард сестра да ја наречам така

ќе ја викам за да те ослободам.
А засега ова разбратување
ме боли повеќе одошто мислиш.

Кларенс

На ниеден од нас не ни е мило.

Глостер

Но нема долго да си в затвор. Ќе те
ослободам или сам ќе те сменам:
во меѓувреме, стрпи се.

Кларенс

Морам. Збогум.
(*Излегуваат Кларенс, Брекенбери и стражарот)*

Глостер

Оди! Гази го патот од кој нема
никогаш да се вратиш. О, Кларенсе
шутко, толку те сакам што наскоро
душата на небо ќе ти ја пратам
ако небото дарот мој го прими.
Но, кој иде? Сегапуштениот Хастингз!
(*Влегува лорд Хастингз)*

Хастингз

Добар ден, благороден лорду!

Глостер

Исто
и вам лорду мој канцелар! На чист
воздух добро ни дојдовте. Како го
поднесе затворот лордството ваше?

Хастингз

Трпеливо лорде, ко затвореник.
Но жив ќе бидам да им благодарам
на тие вака што ме наместија.

Глостер

Секако, секако. Исто ко Кларенс;
душманите ваши се и негови,
исто на обајцата ви направија.

Хастингз

Орлите се в кафез а грабливците
бедни слободно пленот го грабат.

Глостер

Што има во светот?

Хастингз

Светот е арен, лошо ни е дома
Кралот ни е болен, потиштен и слаб
лекарите многу ги загрижува.

Глостер

Лоши вести, жими свети Јован. Тој
предолго води раскалашен живот
телото кралско безмерно го троши:
да ти се смачи и од помислата.
Но, што прави, лежи ли барем в кревет?

Хастингз

Лежи.

Глостер

Одете. Јас брзо ќе дојдам.
(*Излегува Хастингз)*
Не ќе тера за долго, се надевам
но не смее да умре пред Џорџ итно
на небо да се испрати. Ќе влезам,
кон Кларенса омраза да му всадам,
со лаги вешти и докази цврсти;
и намерата ако ми успее
уште утре Кларенса ќе го снема.
Бог, потоа, нека крал Едвард го земе
светот оставајќи ми го. А тогаш,
најмалата ќерка на Ворик ќе ја
оженам. Оти мажот и свекорот
ѝ ги убив, најдобро ќе ѝ се

оддолжам ако маж и свекор сам
ќи станам. И ќе ќи станам но не од
љубов, туку за намерата тајна
што ќе ја остварам со неа женејќи се.
Но тавче спремам а в море е пленот.
Жив е Кларенс, Едвард на престол седи,
штом умрат, добивка мене ми следи.

Сцена 2

Лондон. Друга улица

(Го внесуваат телото на кралот Хенри VI. Благородниците носат хелебарди како заштита. Леди Ана тажи.)

Ана

Долу спуштете го товарот честит,
чест ако може в носила да стои,
врз доблеста понизно да поплачам
на без време паднатиот Ланкестер.
О, ставо студена на кралот божји!
Пеплишта сиви на домот Ланкестеров!
Ти бескрвна дамко од крвта кралска!
Законски јас духот ти го призивам
тажачката да ја чуе на кутрата Ана
жена на Едвард, на син ти убиен
од раката иста што раниве ги стори!
Во јамиве живот што испуштија
мелем јалов од очите сипам.
Натемаго раката што те уби!
Натемаго крвта што крв ти пушти!
Натемаго срцето што имаше
срце ова да го стори! Погадна
коб бедникот да го стигне што
убивајќи те нѐ бедоса, од волци
пајаци, крекачи, од отровници
што поземи лазат. А дете ако
има, изрод да му биде, чудовиште
боже, недоносенче, од ликот грд
и одвратен мајка му в страв да бега.
Такво чедо гнасата да му ја наследи!
А жена ако има, во животот
негов потешко да пати одошто јас
со смртта твоја и на мажот ми!
Сега напред кон Чатси со светиот
товар и таму закопајте го. Штом
товарот ве замори, одмарајте
а јас тогаш над Хенри ќе тажам.
(*Го креваат телото на Хенри. Влегува Глостер)*

Глостер

Запрете телоношци, спуштете го!

Ана

Кој црн вештер врагов го тера
светиот обред да го прекинува?

Глостер

Бедници!
Трупот спуштете го, или жими свети
Павле, трупови од вас ќе направам.

Првиот велможа

Милорде,
тргнете се, ковчегот да мине.

Глостер

Песу дрзок! Запри кога велам и
хелебардот од мене тргни го или
жими свети Павле ќе те ничкосам,
ќе те згазам, бедо, за дрскоста.
(Го спуштаат ковчегот.)

Ана

Се тресите? Зар сите страв ве зграбил?
Но, смртни сте знам, боже, ви простувам
смртните очи пред ѓаволот веднат.
Мавни се, о слуго адска ужасна!
Над телото смртно моќ ти имаш
над душата немаш. Мавни се, велам.

Глостер

Светице слатка, од милост смекни.

Ана

Врагу гнасен, од побожност, тргни се!
Ти среќната земја ад ја направи
в клетви ја зави и лелеци болни.
Но делата грозни штом сакаш да ги гледаш
еве ти урнек за колежите твои.
Велможи, гледајте! Мртвиот Хенри
пред него се отвара и крвари.
Срами се, црвенеј, монструме долен,
присуството твое крвта ја влече
од жилите студени и бескрвни.
Делото твое, нечовечно, чудно,
потоп најчуден предизвикува.О,
боже, крв му даде, смрт одмазди му!
Земјо, крв му пиеш, смрт одмазди му!
О небо, убиецот ровјосај го,
отвори се земјо, голтни го брзо,
ко крв што локаш од кралот добар
заклан што е од адската му рака!

Глостер

Леди,
за милост ти не знаеш што злото
добро, клетвата благослов ја чини.

Ана

Гаде,
за бога не знаеш нити за човечност.
И sверот барем малку сожалба има.

Глостер

Немам, велам. Па затоа sвер не сум.

Ана

О, види, па ѓаволот е искрен!

Глостер

Види, види, па ангелот се лути.
Дозволи, рајски совршена жена
со докази точни од злоделата
божемски да се ослободам.

Ана

Дозволи, чумо заразна машка,
со докази точни за злоделата
знани да те обвинам.

Глостер

Полична од зборот што би кажал
подари ми слобода да се извинам.

Ана

Погрд од срцето што би мислело,
простено ти е ако се обесиш.

Глостер

Со тоа вината би си ја признал.

Ана

Со тоа простено ќе ти биде што
одмазда достојна сам си извршил
за колежот недостоен врз други.

Глостер

Да речеме не сум ги заклал.

Ана

Тогаш речи живи се, но мртви
се од тебе тие о, робе адски.

Глостер

Не ти го убив мажот.

Ана

Значи жив е.

Глостер

Мртов е. Убиен од Едвард.

Ана

Лажеш, гаду! Кралицата Маргарита
мечот пресно крвав ти го виде. Ти
сакаше и нејзе да ја прободиш
браќата твои да не те спречеа.

Глостер

Клеветнички ме наведе, вината
нивна врз мене невин што ја фрлија.

Ана

Те наведе тебе умот твој злобен
за колежи само што сонува.
Зарем и кралов не го уби?

Глостер

Го убив. Тврдам.

Ана

Тврдиш, ежу? Тогаш и јас ти тврдам
господ ќе ти плати за злочинот.
О, колку добар, благ, доблесен беше.

Глостер

Среќа за рајот него што го има.

Ана

Таму ти никогаш нема да стапнеш.

Глостер

За рајот мене нека ми благодари
најприкладен тој за таму беше.

Ана

За никаде не си освен за в пекол.

Глостер

И…

Ана

В затвор.

Глостер

Спалната твоја.

Ана

Мир нека
нема во собата ти кајшто лежиш.

Глостер

Да, госпоѓо, со тебе дури не легнам.

Ана

Се надевам.

Глостер

И јас. Но леди Ана,
со досетките да прекинеме и
посмирено малку да размислиме:
Зар не е причинителот исто крив
ко џелатот за смртта прерана на
Плантагенетите Хенри и Едвард?

Ана

И причинител и џелат беше ти.

Глостер

Убавината причинител беше,
лицбата твоја што в сон ме гонеше
светот да го усмртам за миг еден
поминат на слатките ти гради.

Ана

Да е така мажомору, ти велам,
со нокти неа од лицето ќе ја стргнам.

Глостер

Очиве не би поднеле пропаст
таква на убавината; ко сонцето
светот таа мене ме разведрува,
денот ми го краси, животот.

Ана

Ноќ црна денот да ти го засени
а смрт животот!

Глостер

Не колни се сама, убавице. И
ден и живот си ми ти.

Ана

Камо да сум па да ти се одмаздам.

Глостер

Неправично е и неприродно врз
тој што те љуби да се одмаздуваш.

Ана

Правично е и природно врз тој
мажот што ми го уби да се одмаздам.

Глостер

Тој што од мажот те лиши, госпоѓо,
ти помага подобар да најдеш.

Ана

Подобар на земјава не постои.

Глостер

Жив е тој што повеќе те љуби.

Ана

Кажи го.

Глостер

Плантагенет.

Ана

Тоа беше тој.

Глостер

По име-да, но подабар е овој.

Ана

Каде е?

Глостер

Овде. *(Ана го плука Глостера.)* Зошто ме плукаш?

Ана

Плунката отров за тебе нека биде!

Глостер

Отров не излегол од послатко место.

Ана

Отров не висел на погаден крекач.
Мавни се! Ти очи ми заразуваш.

Глостер

Твоите моите ги заразија.

Ана

О, змејови да се па да те сотрат!

Глостер

Камо да се, па веднаш да си умрам
оти сега со смрт жива ме морат,
од очите солзи солени мамат
и со капки детски ги срамотат
очиве што не плачеле ни кога
татко ми Јорк и Едвард липаа
слушајќи го лелекот на Рутланд
прободен со меч од Клифорд црниот,
ни кога татко ти храбар, ко дете
за смртта на татко ми кажуваше
облеан во солзи а слушачите
плачеа ко дрвја покиснати од
порој. Во тие времиња тажни
очиве мажествени презираа
солзи. Но тагите што не сторија
убавината твоја го прави и
со плач ги заслепува. Ни пријател
ни душман никогаш не сум молел.
За зборови слатки, милни, невешт сум;
но сега, гордото срце за тебе
моли и на збор јазикот го тера.
(Таа го гледа со презир)
Не учи ги усните на презир, за
љубење тие се создадени. Но,
ако срцето не може да прости
мечов наострен еве ти го давам
во градиве верни да го зариеш
и душата што те обожува да
ја извадиш. Еве, разголен за
удар смртоносен понизно молам.
(Ги разголува градиште. Таа го вперува мечот.)
Удри, не мисли! Хенри јас го убив
од твојата убавина наведен.
Удри, удри! И Едвард јас го убив
но ликот твој ангелски ме натера.
(Таа го испушта мечот.)
Мечот крени го, молам, или мене.

Ана

Станувај лицемеру! Смрт ти сакам
но џелад не сакам да ти бидам.

Глостер

Тогаш речи па сам ќе се убијам.

Ана

Веќе реков.

Глостер

Во гнев беше тоа. Пак
речи и ракава на зборот за
љубовта твоја, љубов што ти уби,
тебе за љубов, поверна љубов ќе
убие но и во двете убиства
соучесник ќе си ти.

Ана

Би сакала срцето да ти го знам.

Глостер

Низ јазикот се гледа.

Ана

И јазик и срце имаш лажливи.

Глостер

Тогаш искрен човек не постои.

Ана

Добро. Мечот врати си го.

Глостер

Се смиривме значи?

Ана

Ќе дознаеш.

Глостер

Да живеам во надеж?

Ана

Секој, чинам, во надеж живее.

Глостер

Прими го, те молам, прстенов.

Ана

Да се прими не значи да се даде.
(Го ставa прстеноt)

Глостер

Ко прстенов прст што ти опфатил и
срцето така в гради ти се скрило.
Носи ги, твои се сега. Уште
ако може понизниот твој слуга
за нешто да те измоли, среќен
бескрајно ќе го направиш.

Ана

Да чујам.

Глостер

Те молам црнината остави ја
за тој што има причина да жали
и веднаш појди во дворецот Крозби.
А јас, штом свечено го закопам
кралов благороден во Чатси и гробот
му го натопам со покајнички солзи,
најпонизно кај тебе ќе дојдам.
Причини за ова има многу па
те молам послушај ме.

Ана

Од сé срце. Ме радува што се каеш.
Тресел и Беркли, со мене дојдете.

Глостер

Посакај ми среќа.

Ана

Не заслужуваш
но бидејќи ме учиш да ти ласкам
замисли дека сум ти посакала.
(*Излегува следена од Тресел и Беркли)*

Глостер

Господо, телото кренете го.

Велможата

Кон Чатси, благороден лорду?

Глостер

Не, кон Вајтфрајаз. Таму чекајте ме.
(Излегуваат сите освен Глостер.)
Побарал ли некој вака жена?
Освоил ли некој вака жена? Ќе
ја земам но, долго не ќе ја држам.
Јас мажот и свекорот ѝ ги убив
во часот преполн омраза ја сретнав
со клетви на уста, со солзи в очи
пред жртвата крвава на омразот
мој и сé против мене беше, господ,
совеста, пријател немав да ме

поткрепи освен ѓаволот лично и
лицемерието мое а сепак
ја освоив! Сé за ништо. Ха! Зарем
принцот храбар веќе го заборави,
маж ѝ Едвард, кого пред три месеци
во лутина кај Тјуксбери го убив?
Поубав и посмел витез што бог во
миг на штедрост го создаде, млад, мудар,
доблесен, од крв кралска, во светот
ширен не ќе се роди. А таа
сепак на мене погледот го фрли,
што златниот цвет на принцот го свенав
и вдовица в постела ја направив.
На мене што ни четврт од Едвард
не вредам, на мене грд и алипен.
Војводството за паричка го давам
што вака лошо сум се потценувал.
Па таа, жими господ, маж во мене
гледа, маж привлечен и убав.
Огледало ќе купам, ќе порачам
триста мајстори, алишта
најубави да ми сошијат и
бидејќи сам сум за издршка, со мал
трошок ќе се одржувам. Но првин
пријателон в гроб ќе го сместам, а
потоа кај Ана со плач се враќам.
Свети ми сонце личен да се гледам
сенка в огледало јас да си следам.
(Излегува.)

Сцена 3

(Влегуваат кралицата Елизабета, лорд Риверс и лорд Греј.)

Риверс

Трпение, госпоѓо, неговото
величество бргу ќе закрепне.

Греј

Потиштени само лошо му чините
затоа разведрете се, со очи
надежни милоста бодрете му ја.

Елизабета

Ако умре што ќе стане со мене?

Греј

Само таков човек ќе загубите.

Елизабета

Без него многу загуби ќе дојдат.

Греј

Небото со син ве благословило
за да ве теши штом него го нема.

Елизабета

Ах, да. Но тој е млад. До полнолетност
Ричард Глостер старател би бил, човек
што нé мрази и мене и вас.

Риверс

Решено ли е така да биде?

Елизабета

Решено е ама неозаконето. Но
така ќе биде ако кралот умре.
(Влегуваат Бакингам и Стенли.)

Греј

Еве ги лорд Бакингам и лорд Стенли.

Бакингам

Добар ден кралице ви посакувам!

Стенли

Нека бог ведроста напрежна ви ја врати!

Елизабета

Графицата Ричмонд, лорде мој Стенли
одвај на ова би рекла амин. Но,
иако Стенли, таа ви е жена
и ме неќе, ве уверувам оти
не ве мразам за возгордот нејзин.

Стенли

Ве молам или да не верувате
на злобните што лажно ја клеветат
или, ако клеветите се точни
сфатете ги ко мана во наравот
нејзин а не ко намерна злоба.

Елизабета

Бевте ли кај кралот лорде мој Стенли?

Стенли

Јас и војводата од Бакингам
баш од кај него доаѓаме.

Елизабета

Има ли подобрување, господо?

Бакингам

Има госпоѓо. Тој зборува бодро.

Елизабета

Господ здравје нека му даде! Дали со него зборувавте?

Бакингам

Да, госпоѓо.
Сака да ги смири војводата од
Глостер и браќа ви а сите нив со
лордот канцелар па сега кај себе
ги вика.

Елизабета

Дај боже да е така! Но, невозможно е тоа.
Се плашам на врвот сме од среќата.
(Влегуваат Глостер, Хастингз и Дорсет.)

Глостер

Неправда ми чинат, нема да трпам.
Кои се тие на кралот што се жалат
дека намќор сум бил и не сум ги сакал?
Жими Павле, кралот го неќат тие
што ушите му ги полнат
со клевети подли. А бидејќи не знам
да ласкам, да глумам, да лицемерам,
да клеветам и лажам и ко учтив
мајмун по француски да се клањам,
затоа за нив сум бил подмолен душман.
Зарем не може обичниот смртник
без зли намери да живее и без
едноставноста да му ја кодошат
свилени, итри, префригани змии?

Греј

Кому овде вашето благородство
му се обраќа?

Глостер

Тебе што ни чесен си
ни благороден. Сум ти сторил ли зло?
Сум ти згрешил нешто? Или тебе?
Или тебе? Или на друг од таборот ваш?
Чума да ве сотре! Кралот милозлив
кого господ баш од такви ко вас го чува
одвај на себе може да дојде од
вас што клеветите беспризорно.

Елизабета

Грешно сте сфатиле, девере Глостер.
Кралот по својата кралска волја
а не по желба на други, секако
поради злобата во вас што на
видело ја искажувате против мене,
моите деца и моите браќа,
нѐ собра овде, да ја дознае причината
за неа и веднаш да ја отстрани.

Глостер

Боже, светот толку се изопачил
што врапчето првнало орел да биде.
А штом простакот господин станал
господинот често за простак го мислат.

Елизабета

Јасна ви е целта, девере Глостер,
на напредокот наш ни завидувате
Не дај боже да нѝ потребате!

Глостер

Господ даде мене да ми требате.
По ваш наговор брат ми е затворен,
јас потиснат, племството презрено а
унапредувања секојдневно се
делат на такви што до вчера ни грош
не вредеа.

Елизабета

Жими тој што во грижи
ме издигна од благосостојбата
што ја уживав, кај кралот не сум го
набедила војводата од Кларенс
туку најискрено се залагав за
него. Срамно ме навредувате што
зли сомненија лажно ми лепите.

Глостер

Ја порекнувате ли вината за
затворањето на лорд Хастингз?

Риверс

Ја порекнува милорде.

Глостер

Да, лорде. Но кој не знае за тоа?
Таа и од ова повеќе може.
Може фино да ве унапреди па
да порекне оти помогнала
припишувајќи ги почестите на
заслугите ваши високи. А што
не може? Па можеше да се мажи …

Риверс

Да се мажи?

Глостер

Па да, да, да се мажи
со кралот - ерген, убав но зелен.
Баба ви, се чинам, полошо се мажи.

Елизабета

Лорду мој Глостер, предолго ги трпев
навредите ви груби, подбивите
зајадливи. На кралот ќе му кажам
верувајте, за сите тортури што
ми ги правите. Подобро алајка
да бев селска одошто кралица
што ја мачат, презираат и кудат.
(*Влегува Кралицара Маргарита, во заднината на сценатa)*
Малку радост имам што сум кралица
на Англија.

Маргарита

(*За себе)*
И тоа малку да
даде господ да се смали! Честа,
угледот, престолот, сѐ е мое.

Глостер

Што! Со кралот ми се заканувате?
Напред, кажете му! Сѐ што реков во

негово присуство ќе повторам
па макар и в Кула да ме прати. Ќе
зборувам. Трудот мој е заборавен.

Маргарита

(За себе)
Надвор Зерзевуле! Одлично те
помнам! Ти мажот ми Хенри в Кула го
уби и Едвард, син ми, кај Тјукбери.

Глостер

Пред кралица да станете а мажот
ви крал јас бев тој што за него ‘рмбав,
душманите горди му ги требев
пријателите му ги наградував
за да кралува, крвта си ја леев.

Маргарита

(*За себе)*
А и многу подобра од вашата.

Риверс

А вие и мажот ви Греј за тоа
време на страна на Ланкестер бевте
а и ти Риверс. Зар мажот ви кај Сент
Албанс не загина за Маргарита
борејќи се? Допуштете ми да ве
потсетам, ако заборавате, што
бевте вие а што сте сега и што
бев јас а што сум сега.

Маргарита

(За себе)
Убиец
беше, убиец си и сега.

Глостер

Кларенс
кутриот, тестот Ворик го напушти
и се прелага. Исусе, прости му!

Маргарита

(За себе)
Господе, одмазди!

Глостер

За Едвард крал да стане
се бореше а за награда, кутриот,
в затвор сега гние. Ах,
да имам тврдо срце ко Едвард
а тој ко моево, милозливо и меко.
Пренаивен сум за светов.

Маргарита

Во вечна согнај, напушти го светов
Зерзевуле! Кралството ти е таму.

Риверс

Во тоа зловреме, лорду мој Глостер
за кое овде луто нé клеветите,
за кралот наш денешен се боревме
ко за вас што би се бореле да сте крал.

Глостер

Да сум крал? Поарно да сум прематар.
Скраја да е од мене помислата таква.

Елизабета

Ко што радост мала, претполагате,
е лорду, крал на Англија да се биде,
толку мала е и радоста моја
што сега сум кралица.

Маргарита

Радосна си малку зашто кралица
сум јас и безрадосна иако
веќе нема да се воздржувам.
(Истапува напред и зборува гласно)
Чујте ме, разбојници што над пленот
од мене грабнат се расправате!
Кој од вас не трепери пред мене?
Штом ко поданици не се клањате
тогаш ко бунтовници тресете се

од престол што ме симнавте. Стој тука
подлецу учтив, каде?

Глостер

Што сакаш пак ти, вештерко подла?

Маргарита

Да повторам кого сé ти уништи.
Тоа сакам а потоа ќе ти дадам дозвола, да
одиш.

Глостер

Зарем не си прогонета пред закана со смрт?

Маргарита

Сум, но потешко прогонството ми паѓа
од смртта овде. Маж и син ми должиш ти,
а ти кралство. Послушност сите.
Тагава што ме притиска е ваша а моја
е радоста што ми ја зедовте.

Глостер

Клетвата што татко ми на тебе
ја фрли, кога јуначкото чело
со хартија му го круниса и со презир
му потера в очи реки солзи
а потоа, за да ги исуши, му даде
шамија натопена во крвта
на личниот Рутланд - таа клетва
со тешка горчина фрлена од тебе
сега те стигна. И господ, не ние,
за злосторот крвав те казни.

Елизабета

Господ ги одмаздува невините.

Хастингз

Најгнасно беше неговото клање
најсвиреп злостор што некогаш бил!

Риверс

И тираните плачеа на веста.

Дорсет

Секој жив таму одмазда претскажа.

Бакингам

И самиот Нортамберлант заплака.

Маргарита

Што? Зар не ‘ржевте пред да дојдам
спремни за гуша да се фатите а сега
здружени ко еден ми се нафрливте?
Зар клетвата на Јорк толку на небо
превлада што смртта на Хенри и на
син ми Едвард, прогонството мачно
мое, губењето на кралството
надополна не се за дерлето намќоро?
Мине ли клетвата низ облаци? О,
облаци, клетвиве, тогаш пропуштете ги!
Од преситост, не од војна, кралот да
ви умре ко нашиот што го убија
за тој да стане крал! Едвард, син ти, што
принц од Велс е сега, за Едвард син ми,
што принц од Велс беше млад нека умре
од насилна смрт! А ти кралице, за
мене што кралица бев, надживеј го
ова ко кутрата јас! Живеј долго,
смртта на децата да ја исплачеш
и види друга ко јас што те гледам
на местото твое ко ти што си на
моето! Дните среќни пред смртта да
ти секнат и по долги ноќи тага
умри кога ни мајка, ни жена, ни
кралица на Англија не ќе бидеш!
Риверсе, Дорсете, вие гледавте
и ти лорде Хастингз, кога син ми
со мечеви крвави го бодеа:
затоа смрт природна да немате
туку ненадно да ве заколат!

Глостер

Престани да баеш, вештерко гнила!

Маргарита

Па да те скокнам? Чекај песу, чуј ме.
Ако поцрна чума небото има
од таа што тебе ќе ти ја посакам
нека ја чува, гревот да ти созрее,
и тогаш гневно врз тебе нека се
сруши, светот сирот што го тревожиш!
Совеста везден душа да ти гризе!
Пријателот твој, предавник мисли го,
предавникот најцрн, пријател најмил!
Сон немај за очите мажоморни
освен кошмар грозоморен што ќе те
мачи со вечна и ѓаволи грди!
Ти ѓаволосан, недоносен, ти
свињо што гровташ! Ти што нероден
уште за роб на светот си жигосан
и син адски! Срамото за трудната
утроба мајкина! Рожбо гадна на
семето татково! Ти парталу
бесчесен! Ти гнасо -

Глостер

Маргарита.

Маргарита

Ричард!

Глостер

Да?

Маргарита

Не ти велам тебе.

Глостер

Милозлива си значи, оти мислев
иминьата мене ми ги надена.

Маргарита

Секако, но одговор не барав.
О, дајте ми клетвата да ја довршам.

Глостер

Ја довршив јас и за тебе важи.

Елизабета

Сами себе си се проколнавте.

Маргарита

Кралице сирота, сенко на среќата моја!
Не шеќери го пајакот подол
во мрежата смртна што те навлекува.
Шутко! Шутко! Нож за себе си остриш.
Ќе ме бараш еднаш крекачов грбав,
отровен, заедно да го колнеме.

Хастингз

Злонавестна жено, не колни веќе
трпението пред крај ни е сега.

Маргарита

Подлеци! Каде е моето тогаш?

Риверс

Добриот слуга на должност ве учи.

Маргарита

Добриот слуга должноста си ја знае.
Учете ме кралица да ви бидам
а вие поданици мои. Добро
служете ме, должноста научете си ја!

Дорсет

Што се расправаме? Па таа е луда!

Маргарита

Молчи маркизе! Вие сте безобразен.
Честа новопечена малку ви вреди.
О, да знае благородството ваше
што значи да загубиш па да страдаш!
Тој што е високо луњи го демнат
падна ли, парампарче се прави.

Глостер

Баш добар наук. Прими го, маркизе.

Дорсет

И за вас, исто, милорде, важи.

Глостер

Да, и повеќе. Но јас горе сум роден
гнездото наше над кедарот виши
со ветрот си игра и сонцето го презира.

Маргарита

И сонцето го затемнува, леле! Сведок
е син ми свиен во мракот на смртта
чии зраци болскотни гневот твој муртав
во темница вечна ги зави. Во
нашето, вашето гнездо го свивте;
боже, ти што гледаш, помогни; со
крв го добија, со крв нека го загубат!

Бакингам

Доста, ве молам! Од срам ако не од милост.

Маргарита

Во мене нема ни милост ни срам:
безмилосно со мене постапивте
и срамно надежта ми ја сотревте;
милоста ми е суровост, животот срам,
во срамот гнев од тагата ми тлее!

Бакингам

Доста, доста!

Маргарита

О Бакингаме кралски,
ти целивам рака во знак на сојуз
и пријателство: господ нека
те варди тебе и домот твој благороден!
Ти не си испрскан со крвта наша
и клетвата моја не те опфаќа.

Бакингам

И никого овде, зашто клетвата
на усните од тој што колне останува.

Маргарита

Мислам до небо таа стигнува
и мирот сладок на господа го руши.
Бакингаме, биди на штрек од песов!
Штом мрдне со опашот, гризе,
а гризот отровен смрт донесува.
Ништо со него немај, варди се
тој печат носи од гревот, од адот, смртта
и слугите нивни нему му служат.

Глостер

Што бамбури женава, лорде?

Бакингам

Ништо вредно, господине.

Маргарита

Што? Зарем за советот добар
ме презираш и на ѓаволот му ласкаш
од кого ти велам да се вардиш? О!
На ова еден ден ќе се сетиш
кога тој со тага срцето чесно
ќе ти го распара и ќе речеш
кутрата Маргарита била пророк.
Живејте секој за омразот негов,
за вашиот тој, за божјиот сите.
(Излегува.)

Хастингз

Од клетвите страшни се накострешив.

Риверс

И јас. Не знам зошто е на слобода.

Глостер

Не ѝ префрлам. Многу зло, жими
мајка, ѝ е направено. Се кајам

за делот од злото што јас ќе го сторив.

Елизабета

Колку што знам, јас сум чиста кон нејзе.

Глостер

Сепак од злото што ќе е сторено, добивте.
Презагреан бев за доброто на еден
што сега е престуден на тоа да мисли.
На Кларенса добро му платија,
за болките негови в апс да се дебели:
Господ нека ги прости виновниците!

Риверс

Благородно е и рисјански за тој
што злодела ти прави да се молиш!

Глостер

(*За себе*) Тоа и јас го правам по наук добар,
оти да колнев, сам сега ќе се проколнев.
(Влегува Кејтзби.)

Кејтзби

Госпоѓо, неговото величество
ве вика, вас милорде и вас лордови.

Елизабета

Идам Кејтзби. Повелете, господо.

Риверс

Ве следиме, госпоѓо.
(Излегуваат сите освен Глостер.)
А направам зло, прв се бунам.
Злоделата тајни што ги зачнувам
ги припишувам на туѓа вина,
Кларенс, кого лично в апс го фрлив
пред простите шутки Бакингам, Станли,
Хастингз го оплакувам и им велам
кралицата и таборот нејзин
го шилкаат кралот против брата си.
Ми веруваат и ме бодрат врз
Риверс, Вон и Грејс да се одмаздам;
воздивнувам, тогаш, и им велам
дека господ според Светото Писмо
не тера за лошото со добро да враќаме.
Така, подлоста гола си ја покривам
со стари крпи од Светата книга
и најстрашен сум ѓавол баш кога на светец
личам.
(Влегуваат двајца убијци.)
Тихо, идат џелатите. Како ми сте
момчиња мои верни, ќе го свршите она?

Првиот

Секако, милорде, по овластувањето сме
дојдени за кај него да не пуштат.

Глостер

Со себе го носам.
(*Им го дава овластувањето)*
Штом завршите, назад во Крозби.
Но, господа, убијте го веднаш,
без милост. Не давајте да моли.
Вешт е Кларенс на зборот и може
да ве разжали ако дозволите.

Првиот

Милорде, ние не сме дрдорковци.
Кој зборува не мели брашно. Велам,
рацете ќе работат, јазикот не.

Глостер

Очите од шутите солзи леат
а вашите тогаш мелници вртат.
Баш ве сакам! Но, на работа сега,
одете, напред, свршете го тоа.

Првиот

Сметајте на нас, благороден лорду.
(Одат.)

Сцена 4

Лондон. Во Кулата.

(Влегуваат Кларенс и Брекенбери.)

Брекенбери

Што се случува со милоста ваша?

Кларенс

О, ужасна минав ноќ и гадост
видов, соништа страшни и ко прав
рисјанин, таква ноќ не би минал пак
па макар свет од дни среќни со неа
да се купува, толку мачно
на душа ми беше!

Брекенбери

Што? Сонувате? Кажете ми
лорде, ве молам.

Кларенс

Ми се стори ко од Кула да побегнав
и на брод се качив за Бургундија
а со мене брат ми Глостер беше
кој од кабина на прошетка ме
викна по палубата. Тогаш кон
Англија се загледавме и на
безброј тешки мигови се сетивме
од војните меѓу Ланкестер и Јорк.
Чекорејќи по подот лизгав на
палубата, чинам, Глостер се сопна,
и паѓајќи, мене, што сакав да го
задржам, преку бродската страна
ме турна во пенливите морски далги.
Господе, што бол било да се давиш!
Водишта бесни навираат в уши!
Глетки во очите од смртта грда!
Чинам, илјада бродломи видов,
илјадници луѓе гризени од ламји
грумења злато, купишта бисер,
камења бесценети, огромни блага
сите расфрлани по дното морско.
А во черепите на мртвите
и во дупките во кои еднаш имало очи
за презир на очите, божем,
камења болскотни доползиле што
дното тињесто го маѓепсуваа
и на коските им се подбиваа.

Брекенбери

Зар во часот смртен имавте време
во морските тајни да се царите?

Кларенс

Така ми се стори, но, се борев
душа да испуштам ама на неа
ми стежна водиштето завидливо
и не ја пушти на лекиот воздух
туку во телото ми ја задуши
што напињаше в море да ја фрли.

Брекенбери

Зар во тој кошмар не се разбудивте?

Кларенс

Не, сонот и по животот продолжи
и бурата тогаш в душа ми се крена.
Ги минав, чинам, водите претешки
со лоткарот муртав в песни опеан
и во царството стигнав на ноќта вечна.
Прв таму душата ми ја поздрави
тестот мој велик, славниот Ворик. Тој
викна гласно: “Со камшик за предавство
темницо моќна, Кларенс неверникот
казни го!” И исчезна. Потоа
сенка тетерава дојде ко од
ангел, со коса светла натопена
в крв и крикна грозно: “Кларенс дојде,
лажниот, неверен, кривоклет Кларенс,
кај Тјуксбери што ме прободе. Напред,
зграпчете го, фурии, на вечни
маки ставете го! “ Тогаш, небаре
легија ѓаволи ме обиколи
и в уши ужасно ми врескаа
и на викот се разбудив тресејќи се
и уште мислев оти сум во вечна
толку страшно сонот ме растревожи.

Брекенбери

Не е чудо, милорде, што ве стресе,
страв ме фати, чинам, само што слушав.

Кларенс

Ах, чувару, чувару, неделата
што душава сега ми ја тормозат
за Едвард ги сторив, а гледај како
тој ми возвраќа! О, господе, ако
молитвиве недостојни ги сметаш
и решиш за гревот мој да ме казниш,
истури го гневот само на мене.
О, жена ми невина и децата
сироти поштеди ги! Те молам
чувару остани уште малку,
тешко ми е на душа а сепак
би поспал.

Брекенбери

Се разбира, милорде. Господ
добар сон нека ви даде.
(Кларенс заспива.)
Тага го руши времето за одмор
денот ноќ, пладнето полноќ го прави.
Сјајот кнежевски в титули лежи
однадвор чест а внатре чемер. Место
среќа безмерна, море ги мачи
од грижи немирни. Титулите
кнежевски и имињата ниски
само надворешно, значи, не се исти.
(Влегуваат двајцата убијци.)

Првиот

Еј, кој е таму?

Брекенбери

Што бараш човеку, и како дојде овде?

Првиот

Да зборувам со Кларенс а дојдов на нозе.

Брекенбери

Што? Зар толку ќе си краток?

Вториот

Подобро краток отколку здодевен,
господине. Овластувањето
покажи му го и на работа.
(Брекенбери го чита овластувањето.)

Брекенбери

Овде ми се наредува чесниот
војвода Кларенс да ви го предадам.
Не сакам да знам што значи ова,
што помалку знам подобро за мене.
Онде е војводата, клучевите таму
кај кралот одам да му кажам
оти вам должноста ви ја препуштив.

Првиот

Мудро постапувате, господине,
збогум.
(Излегува Брекенбери.)

Вториот

Да го прободам на спање?

Првиот

Не, ќе нé нарече кукавици кога ќе се разбуди.

Вториот

Глупости. Тој нема да се разбуди до судниот ден.

Првиот

Сеедно. И тогаш ќе рече дека на спање сме го убиле.

Вториот

Самиот збор суден ден ми ја гризе

совеста помалку.

Првиот

Се плашиш?

Вториот

Не од тоа што ќе го убијам. За тоа имам овластување; туку од проклетството што ќе го
убијам од кое никакво овластување не може да ме спаси.

Првиот

Мислев дека си решителен.

Вториот

И сум. Ќе го оставам да живее.

Првиот

Одам кај војводата од Глостер ова да му го кажам.

Вториот

Немој, те молам, чекај малку. Оваа моја слабост на
духот бргу ќе ја надминам. Обично ме држи додека
изброиш до пет.

Првиот

А сега како се чувствуваш?

Вториот

Само уште малку ме мачи совеста.

Првиот

Помисли на наградата што не́ чека.

Вториот

Леле! Заборавив на неа. Нека умре.

Првиот

Кај ти е сега совеста?

Вториот

Во ќесето на војводата од Глостер.

Првиот

Ама кога ќе отвори да ни плати, совеста
ќе ти излета.

Вториот

Море нека лета, баш ми е гајле. Кому му е требна?

Првиот

А ако ти се врати?

Вториот

Ќе ја измаршрам. Таа мажот го прави кукавица.
Човек не може да краде оти таа ќе го обвини.
Човек не смее да пцуе оти таа ќе го опомени.
Човек не смее да легне со комшивката
оти таа му свети. Таа ти е еден невин, срамолик дух што се бунтува
во градите човекови. И ти е како внатрешна сопирачка.
Еднаш дури ме натера да го вратам ќесето со злато
што случајно го бев нашол. Оној што ја чува до
просјачки стап стигнува. Таа е протерана од сите
градови и места како опасност од прв ред. И секој
што сака да живее добро се труди да верува во
себе и да живее без неа.

Првиот

Баш сега ме клука во лактот и ме убедува да не го
убијам војводата.

Вториот

Прими го ѓаволот в глава, но, не верувај му. Ќе те
навлече па ќе офкаш.

Првиот

Цврст сум ко камен. Не може да ме надвладее.

Вториот

Така зборува човек што си го цени добриот глас.
Но, ќе свршиме ли еднаш со ова?

Првиот

Тресни го со балчакот по тимбата, а потоа фрли го
во бочвата со вино во другата соба.

Вториот

Одлично! Од него ќе направам првокласно вино.

Првиот

Тихо, се буди.

Вториот

Удри!

Првиот

Не. Малку ќе поразговараме.

Кларенс

Каде си Брекенбери? Вино дај ми!

Вториот

Наскоро ќе имате вино, милорде, колку што ви душа сака.

Кларенс

Кој си ти?

Првиот

Човек како вас.

Кларенс

Ама ко мене не си. Јас сум кралски човек.

Првиот

Но ти не си верен на кралот ко нас.

Кларенс

Гласен си ама понизно гледаш.

Првиот

Гласот ми е кралски а така гледам.

Кларенс

Колку мрачно и злокобно говориш.
Во очите закана, што сте бледи?
Кој ве пратил овде? Кој и зошто?

Вториот

Да, да, да…

Кларенс

Да ме убиете?

Двајцата

Да, да.

Кларенс

Немавте храброст да ми кажете
како ќе најдете храброст да ме убиете?
Всушност, момци, што сум ви згрешил?

Првиот

Нам ништо туку на кралот.

Кларенс

Со него јас повторно ќе се смирам.

Вториот

Никогаш, лорде. За смрт спремете се.

Кларенс

Зарем од цел свет вас ве одбраа невин
да ме убиете? Што сум згрешил?
Кај се доказите што ме товарат?
Која порота законска пресуда
пред намуртениот судија доставила?
Кој изрекол смртна казна
за кутриот Кларенс? Пред законот да ми суди
незаконска е заканата со смрт.
Ви велам, ако откуп сакате
со крвта на Ристос за грешници пролеана
бегајте! На страна рацете од мене!
Проклето дело сте наумиле.

Првиот

Што правиме по наредба правиме.

Вториот

А тој што ни нареди е кралот.

Кларенс

Слуги сте заведени! Кралот велик
над кралевите, во законот свој
нареди: "Не убивај!" Повелбата
зарем негова ќе ја прекршите за
човечка да извршите? Пазете!
В рака одмазда тој држи и врз
главите на непослушните ја спушта.

Вториот

Одмазда таква на тебе тој спушта
кривоклетник што си и убиец.
Ти свето се заколна да се бориш
на страната на домот Ланкестеров.

Првиот

И ко предавник на името божјо
заклетвата ја прекрши и со меч
предавнички го распара синот
на својот владар.

Вториот

Кому се беше заколнал да го сакаш
и браниш.

Првиот

Што туку ни мафташ
со законот божји што ти прв
така грубо го прекрши?

Кларенс

Боже, а
за кого злоделото го сторив?
За Едвард, брат ми, за него го сторив.
Тој не ве праќа да ме убиете
оти во гревот зацапан е исто
ко и јас. А господ ако одмазда
врши за злоделото мое, знајте,
јавно тој ќе го изврши. О,
не одземајте му го случајов од
рацете моќни. Тој јавно, законски
непослушните ги сосечува.

Првиот

Кој те стори тогаш слуга крвав
за храбриот бујат принц Плантагенет
да го усмртиш?

Кларенс

Љубовта кон брат ми, ѓаволот, гневот.

Првиот

Љубовта од брат ти, должноста, гревот
твој, нé тераат да те убиеме.

Кларенс

За љубов на брат ми не мразете ме.
Брат му сум и искрено го сакам.
За пари ако сте најмени кај
брат ми Глостер ќе ве пратам кој за
животот мој подобро ќе ви плати
одошто Едвард за смртта штом чуе.

Вториот

Се лажете, брат ви Глостер ве мрази.

Кларенс

О, не! Тој љубов и почит кон мене
има. Оттука кај него одете.

Првиот

Тоа секако ќе го сториме.

Кларенс

Кажете му кога татко ни наш
кнежевскиот Јорк, со победна рака
трите сина нé благослови и од
душа нé подучи да се сакаме
на неслогава малку мислеше тој.
Потсетете го Глостер на ова и
ќе видите како ќе заплаче.

Првиот

Да, многу. Ко нас што нé учеше.

Кларенс

Не потсмевајте се, тој е добар.

Првиот

Ко слана во пролет. Не лажете се
тој нас нé праќа да ве убиеме.

Кларенс

Невозможно! Тој лелекаше ко дете
кога ме затвораа, ме стискаше на гради,
и низ плач се колнеше дека
слобода ќе ми издејствува.

Првиот

Тоа и го прави. Те ослободува
од земските маки и во рајот те праќа.

Вториот

Помолете се, милорде. Сега мора
да умрете.

Кларенс

Свето чувство имате в душа
штом ме терате на бога да се молам
а сепак, кон душите свои сте слепи
и убивајќи ме со господ војна
започнувате. О, господо
помислете дека тој што на дело
вакво ве натера, за делото ќе ве мрази.

Вториот

Што да правиме?

Кларенс

Покајте се и душата спасете си ја!
Кој од вас, да сте синови кнежевски,.
и лишени од слобода како мене
пред двајца такви убијци ко вас
за животот свој не би молел?
А јас сепак молам, ко што и вие
би молеле да сте на мое место.

Првиот

Каењето е за кукавици и жени.

Кларенс

Некаењето е за дивјаци и sверки.
Пријателу, *(на вториот убиец)* сожалба
в очи ти гледам. О, ако
очите не ти се лажни, на моја
страна прејди и за мене моли се.
Зарем просјак да нема жал за принцот
што моли?

Вториот

Внимавајте одназад, милорде.

Првиот

(Го прободува од зад грб) На ти, на ти!
И ако сé ова не ти е доста
в бочва ќе те фрлам!
(Излегува со телото.)

Вториот

Крвав злостор извршен подло!
О, ко Пилат рацеве радо би ги измил
од убиствово sверско.
(Се враќа првиот убиец.)

Првиот

Што е? Мислиш ти не учествуваше?
Ќе видиш, ќе чуе војводата
колку се двоумеше.

Вториот

Камо да чуеше дека брат му
го спасив! Наградата земи ја ти
и кажи му дека за убиството
на војводата се кајам.
(Излегува.)

Првиот

Јас не. Бегај, бегај кукавицо!
Во некоја дупка сега, телото
ќе го скријам дури војводата
не нареди да се закопа.
А после, штом наградата ја земам
најдобро ќе е веднаш да ме снема.

Чин ВТОРИ

Сцена 1

Лондон. Кралскиот дворец. Музика.

(Влегуваат крал Едвард,болен, во стол, кралицата Елизабета, Дорсет, Риверс, Хастингз, Бакингам и други.)

Едвард

Ете, добро дело денес направив.
О, велможи, сојузот чувајте го.
Јас повик секој ден очекувам
од спасителот мој што ќе ме одведе.
Со мирна душа на небо ќе дојдам
в мир штом на земја вас ве оставам.
Риверсе, Хастингзе, ракувајте се
омраз не таете, заколнете се
на љубов.

Риверс

Се колнам омраза горчлива в душа немам
и искрена љубов в срце чуствувам.

Хастингз

Толку да ми е арно колку што
искрено на истото се колнам

Едвард

Внимавајте! Пред кралот ваш ако
лажевте, кралот моќен над кралојте
кривоклетство ќе ви намниса и крај
меѓусебен ќе ви предодреди.

Хастингз

Среќата ќе ви биде колку
љубовта чиста вокоја се колнам.

Риверс

И мене. Хастингз од срце го сакам.

Едвард

И за тебе госпоѓо, ова важи
и за тебе Дорсете, Бакингаме.
И вие меѓусебно се јадевте.
Жено, лорд Хастингз сакај го и дај му
рака да ти бакне,што ќе правите
сé искрено нека биде.

Елизабета

Хастингзе, омразата стара ја заборавам
жими
среќата моја и на моите!

Едвард

Дорсете, прегрни го, Хастингзе
лордот маркиз сакај го.

Дорсет

Се колнам.
Мирот овде склопен за мене е свет.

Хасрингз

Се колнам и јас.
(Се прегрнуваат)

Едвард

Бакингаме кралски,
сега ти сојузов потврди го
прегрнувајќи ги сојузниците
на жена ми така усреќи ме.

Бакингам

(На кралицата) Ако некогаш Бакингам омраза
кон висоста ваша покаже место
љубов должна кон вас и вашите
бог со омраза да ме казни од тие
од кои што љубов очекувам!
И штом најмногу пријател ми треба
и чинам најдобриот сум го нашол,
нека подол, превтлив предавник
тој ми биде! За ова бог го молам
ако кон вас и вашите сум здржан.
(Се прегрнуваат)

Едвард

Срцето болно, Бакингаме кралски
заклетвата твоја милно го топли.
Уште братми Глостер сега фали
мирот овој да го благослови.

Бакунгам

Во прав час еве, војводата иде.
(Влегува Глостер.)

Глостер

Добро утро кралу мој и кралице,
среќен ви ден, велможи моќни.

Едвард

Среќен е навистина, Глостере по
она што направивме. Од раздорот
мир, од омразата љубов верна меѓу
велможиве грешно зајадени се
роди.

Глостер

Божје дело, господару мој,
Ако некој од таборов присутен
од несваќање или насет грешен за
душман ме смета што несвесно дело
навредливо сум му нанесол, за прочка
сега пријателски го молам. Раздорот
смрт е за мене, го мразам, Љубовта
на сите добра ја посакувам.
Госпоѓо, мир прво од вас молам што
со служба покорна ќе го откупам;
па од тебе роднино Бакингаме
ако за нешто сме се спречкале;
па од вас лорде Риверс, лорде Грej,
што без причина ми се муртевте;
па од тебе лорде Вудвил, лорде Скеилз
од вас велможи, господо, од сите.
Кажете ми за жив англичанец
кого со нешто на душа го носам.
Чист сум ко новороденче и за
ова на господ му благодарам.

Елизабета

Од денес, свет треба денов да стане
Госоде, сé нека добро се сврши.
Господару, вашето величество
го молам Кларенс да го помилува.

Глостер

Но, госпоѓо, зарем љубов понудив
за пред кралот да ми се потсмевате?
Зарем има уште некој за смртта
на војводата велик што не чул?
(Сите се сепнуваат)
Бесчесно мртво го презирате.

Риверс

Уште некој што не чул? А кој чул?

Елизабета

Небо сегледно, што свет е ова?

Бакингам

Лорду Дорсет, како другиоте да не сум блед?

Дорсет

Сите сме бледи, добар мој лорду.

Елизабета

Кларенс мртов? Наредба друга јас

издадов.

Глостер

Но, по првата кутриот умре
што Меркур крилест ја однесе а
отповикот тром ползач го влечкал
што бавен на закопот му стигна.
Да даде бог, некои пониски,
поневерни, по мисли мрачни поблиски,
а не по крв, полошо да не ги
најде од сиромашкиот Кларенс
а сепак вон сомнеж да останат!
(*Влегува лорд Стенли)*

Стенли

За службата, кралу, награди ме!

Едвард

Не сега, тага в душа имам.

Стенли

Ќе клечам дури не ме чуете.

Едвард

Па тогаш брзо кажи што сакаш.

Стенли

Милост, господару, за пажот мој,
што денес зол господин уби од
свитата на војводата Норфолк.

Рдвард

Јас братот роден со смрт го казнив
а ти молиш роб да ослободам?
Брат ми не уби - тој згреши в мисли,
а сепак е казнет со црна смрт.
Кој за него помоли? Кој в гнев
клекна, на разумност ме подучи?
За братство, за љубов кој прозбори?
Зарем тој не го напушти моќниот
Вирвик и на моја страна прејде?
Или кај Тјуксбери кога Оксфорд
ме кутна зарем тој не ме спаси
и рече: " Живеј брату, биди крал "?
А кога наземи в мрак лежевме
изземнети до смрт зарем со своја
руба не ме покри, а самиот
речиси гол, ноќта ја пробдеја?
Од умот мој се ова опак гнев
го избриша и никој од вас за сé
добронамерно не ми спомена.
Но кочицијa или слуга ваш
пијани штом убијат и ликот
го изобличат на Спасителот наш
о, тогаш веднаш прошка молите
а јас неправично ви ја давам.
(Станли станува.)
Но за брат ми не прозбори никој
ни јас грешен не си приореков сам.
За животот сите ве задолжи
а за него никој не помоли.
О боже! За ова знам правдата
сите ќе не стигне, сите без ред!
Ајде Хасингз! Ах, сиромав Кларенс!
(Излегуваат Кралот, Хастингз, Кралицата, Риверс, Дорсет и Грej)

Глостер

Брза кучка слепи кучиња раѓа.
Видовте ли као пребледеја
роднините криви на кралицата
за смртта на Кларенс штом слушнаа?
А колку од кралот ја бараа!
Но бог ќе ми плати. А сега да
одиме, Едвард да го тешиме.

Бакингам

Ве скедиме ваша висост.
(Излегуваат.)

Сцена 2

Сцена во кралскиот двор

(*Влегуваат Војвотката од Јорк со синот и ќерката на Кларенс)*

Момчето

Бабичке, мртов ли е татко ни́

Војводката

Не, синко.

Девојчето

Постојано липаш, раце кршиш
кукаш: Кларенсе, синко несреќен?

Момчето

Не, гледаш, со главата нишајќи,
сираци, отпадници не́ викаш
а велиш, сепак, татко ни́ е жив?

Војвотката

Ах, дечиња, грешно ме сфашате.
За болеста на кралот јас плачам,
и молам да ми е жив а не за
татковината ви смрт; за мртвиот
плачот залудно е плач.

Момчето

Значи бабо, мртво е тој. Кралот,
стрико ми, виновник е за тоа.
Бог ќе му плати и искрено јас
ќе го молам тоа да го стори.

Девојчето

И јас.

Војвотката

Молкнете деца. Кралот ве сака.
Невинчиња сте и не сфаќате
за смртта на татко ви кој е крив.

Момчето

Сфаќаме. Стрико ми добар Глостер,
ми кажа оти кралот набеден
од кралицата в затвор го стави.
Кога ми кажа, стрико заплака,
ме сожали и милно ме бакна;
рече ко татко јас да го имам,
дека ќе ме сака ко роден син.

Девојчето

Нежна форма дволичјето зема
порокот длабок вешто го скрила!
Син ми е, значи, мој срам, дволичје,
сепак, од градиве не исцица.

Момчето

Мислиш, стрико ми глумеше, бабо?

Војвотката

Да, синко.

Момчето

Не верувам. Но, што се случува?
*(Влегува Кралицата Елизабета со
распуштени коси.
Ја придржува Риверс и Дорсет.)*

Елизабета

О, пуштете ме в жал да липам јас,
судба да колнам, себе да мачам.
Со очајот црн в бол ќе се задушам
сама на себе душман ќе станам.

Војвотката

Што значи позава на див немир?

Елизабета

Крај на чинот трагичен. Едвард,
господарот мој, синот твој, кралот наш

е мртов! Зошто гранките растат
штом коренот е гнил? Што не свенат
лисјето штом сокот им го нема?
Живеј в тага или умирај брзо
за душите брзокрили кралската
да ја стигнат и ко поданици
верни ние да го следиме до
новото кралство на вечната ноќ.

Војвотката

О, јас мажот ти дивен го жалам
колку што право на него имав!
И смртта на маж ми ја оплакав
лик негов во децата гледајќи.
Но, сега две огледала од ликот
му кнежевски, крш го стори злобна смрт
сал едно подло утеха ми е
срамот свој во него да го гледам.
Вдовица си но и мајка и за
утеха деца си имаш. Но, мене,
смртта од раце мажот ми го го стргна
и два столба од срцето кревко,
Кларенс и Едвард. О, верувај ми,
половина од мојот, болот е твој
и право сосема имам жал да
ти наджалам плач да ти натплачам!

Момчето

Стрино! Ти татко ми не го изжали
па не очекувај помош во жалта!

Девојчето

Неоплакан болот ни остана
и тагата вдовичка нека е таква!

Елизабета

За тажење помош не ми треба
неротка не сум, тажачка ќе родам:
дотечете води во очиве
под надглед на богот воден, со
солзи бујни да го удавам светот!
Леле мажу мој, ах, Едварде мил!

Децата

Леле татко наш, ах, лорду Кларенс!

Војвотката

Леле за Едвард, леле за Кларенс!

Елизабета

Само Едвард потпора ми беше.

Децата

Само Кларенс потпора ни беше.

Војвотката

Само тие потпора ми беа.

Елизабета

Загубила ли вдовица толку?

Децата

Загубиле ли сираци толку?

Војвотката

Загубила ли мајка толку?
Боже, јас мајка сум на сите таги!
Сите засебно тажат за сите јас.
За Едвард таа липа исто и јас;
за Кларенс јас липам, а таа не:
децава за Кларенс жалат, жалам и јас;
за Едвард јас жалам но тие не:
леле, тројно врз тројно жалната,
солзи пролејте! Сестра на жалот ваш,
со тажење ќе го потхранувам.

Дорсет

Утеши се, кралице: бог не сака
со неблагодарност делата да му ги примаш:
во светов обичен неблагодарно е
безволно долгот да се враќа што
штедро и милостиво еднаш се дал;
а уште полошо е во случаите

кога долгот кралски назад се бара.

Риверс

Ко мајка сега госпоѓо мисли,
на син ти, принцот млад: и викни го
да се вокрали; утеха ти е тој.
Таги закопај со мртвиот Едвард
крај тронот на живиот посеј радост.
(Влегуваат Глостер, Бакингам, Станли, Хастингз, Ратклиф)

Глостер

Смири се снао; сите причина
имаме да го жалиме затемнувањето
на светлата ни ѕвезда;
но жалоста болот не го лечи.
Госпоѓо мајко, прости ми те молам,
што веднаш не те видов (*клекнува)*
на колена за благослов понизно те молам.

Војвотката

Благословен биди, со душа мека
полна љубов, милост, покорност, верност!

Глостер

Амин! *(за себе)* и во старост длабока умри!
Благословот мајкин вака завршува:
баш чудно што крајот го испушти.

Бакингам

Принцови муртави, велможи тажни,
што товаров жал дружно го носите,
со љубов заемна ободрете се:
жетвата од кралов штура ни беше
но од син му најштедра ќе биде.
Гневот размирен од срцата лути
потиснат е скоро и залеченото
мора да го дочуваме во слога:
најдобро е, чинам, со мала свита
принцот да се доведе од Ладлоу
и да се круниса овде во Лондон.

Риверс

Зошто мала свита лорду Бакингам?

Бакингам

Зашто од поголема, милорде,
раната од злоба пак ќе ни прсне;
ќе се подотвори, посебно сега
кога сме кревки и без нов владар;
таму кајшто секој коњ со лабави
е узди и може да тргне кајшто сака,
не само злото, туку и стравот
од зло, мислам, треба да се спречи.

Глостер

Мислам дека кралот сите нé смири,
останувам верен на договорот.

Риверс

Исто и јас; а верувам и сите.
но, штом власта ни е кревка, не треба
на искушение да ја ставаме
што би произлегло од поголема свита;
затоа со Бакингам се сложувам
малкумина принцот да го допратат.

Хастингз

И јас.

Глостер

Добро. Само уште да решиме
кои луѓе во Ладлоу ќе одат:
госпоѓо мајко и вие снао,
ќе ни помогнете ли во ова?

Војвотката

Од сé срце.
(Излегуваат сите освен Глостер и Бакингам.)

Бакингам

Лорду, кој било по принцот да оди,

не смееме дома да чекаме.
Оти по пат ќе начекам можност
ко вовед во она што зборувавме,
роднините возгорди на кралицата
од принцот да ги тргнам.

Глостер

О, второро мое јас, советнику на духот,
пророку мој таен, братучеду мил!
Ко дете сега тебе ќе те следам.
Кон Ладлоу! И ние сме во игра.
(Излегуваат.)

Сцена 3

Улица во Лондон. Двајца граѓани.

Првиот

Добро утро комшија, кај брзаш?

Вториот

Не оти знам. Ја чу веста?

Првиот

Ја чув. Знам дека кралот е мртов.

Вториот

Лоши ветси. Ретко добри да чуеш.
Се плашам, се плашам, лоши
ветришта да не задуваат.
(Влегува трет граѓанин.)

Третиот

Здраво живо, комшии.

Првиот

Здравје да имаш.

Третиот

Точно е дека добриот крал
Едвард умрел?

Вториот

Поточна не може да биде.

Третиот

Значи господо да чекаме бура.

Првиот

Ќе се изначекаме. Син му ќе владее.

Третиот

Тешко на земјата во која владее дете.

Вториот

Надежен тој е владар, дури созрее
советот под него ќе владее,
а потоа и сам, чинам, тогаш
и дотогаш добро ќе владее.

Првиот

Така беше и кога Хенри шести
со неполни девет месеци стана
крал во Париз.

Третиот

Така беше?
Не, не пријатели, живи бога;
тогаш земјата славно
од вешт совет беше раководена
а кралот добри стриковци имаше
величеството да му го заштитат.

Првиот

Па и овој има, и по татко
и по мајка.

Третиот

Подобро сите да му беа по татко
или по татко да немаше ни еден;
оти трката кој е најблизок
сите преблизу ќе нé погоди
сега, ако Бог не ја спречи.
Преопасен е војводата Глостер!
А роднините на кралицата
жолчни и возгорди: ако со нив
владеат а не владеат сами,
земјава болна ко порано ќе турка.

Првиот

Само на најлошото мислиме;
ќе биде сепак добро.

Третиот

Штом се наоблачи, мудриот се наметнува,
штом паѓаат лисјата на зима мириса,
кој не очекува по зајдисонце да се сноќи?
По предвремени луњи доаѓа беда.
Може да е добро, ако бог даде
но таков дар за нас не очекувам.

Вториот

Срцата човечки страв се полни
и нема човек жив на светот
што не трепери од страв.

Третиот

Пред секоја промена е така:
со божји усет, умот злото идно
го сеќава; ко надојдените води
што навестуваат силна бура.
Но бог сам ќе реши. Каде тргнавте?

Вториот

Одиме на суд.

Третиот

Исто и јас. Доаѓам со вас.
(Излегуваат.)

Сцена 4

Лондон. Кралскиот дворец.

(Влегуваат архиепископот од Јорк, младиот војвода од Јорк, крали цата Елизабета и војвотката од Јорк.)

Архиепископот

Сношти слушам во Нортамптон биле,
ноќеска во Стони-Стратфорд ќе бидат
а утре, или задутре се овде.

Војвотката

Горам од желба принцот да го видам:
сега којзнае колку пораснал.

Елизабета

Не е баш така, велат син ми Јорк
во растот веќе го надвишил.

Јорк

Да, мајко. Но, не ми е баш мило.

Војвотката

Зошто синко, убаво е да растеш.

Јорк

Бабо, една ноќ, кога вечеравме,
вујко ми Риверс рече дека сум го
надвишил брат ми: "Да," рече стрико ми
Глостер, "но малото расје чар има,
а коровот знае само да расте:"
оттогаш, чинам, не сакам да растам,
оти бавно расте милото цвеќе
а брзо само коровот злочест.

Војвотката

Добро кажано, но тоа не важеше
за оној што тоа ти го кажа.
Најспечен створ беше како дете,
па растеше долго, растеше бавно,
и ако правилото му е точно,
најдоблестен маж сега би бил.

Архиепископот

Несомнено таков и е, госпоѓо.

Војвотката

Се надевам, но сепак оставете
мајките да се сомневаат.

Јорк

Жими сé, да се сетев тогаш,
ќе го боцнев стрико ми за стасот
повеќе одошто тој за мојот.

Војвотката

Што рече принцу? Повтори да чујам.

Јорк

Велам стрико ми растел толку брзо
што кога имал само два часа
можел да гризе лушпа: а јас до две
години немав ниеден заб. Ама ова
би било добро, не бабо?

Војвотката

Кој ти го кажа ова?

Јорк

Неговата негувателка бабо.

Војвотката

Но таа умре пред ти да се родиш.

Јорк

Ако не е таа тогаш не знам кој.

Елизабета

Многу зборуваш; молкни, злобен си.

Архиепископот

Не карајте го детето, госпоѓо.

Елизабета

И sидовите имаат уши.
(Влегува гласник.)

Архиепископот

Доаѓа гласник. Какви се вестите?

Гласникот

Такви, милорде, што жал ми е
да ги соопштам.

Елизабета

Како е принцот?

Гласникот

Добар госпоѓо и во добро здравје.

Војвотката

Па што е веста?

Гласникот

Лорд Риверс, лорд Грej а со нив и
сер Томас Вон, заточени се во Помфрет.

Војвотката

По чија заповед?

Гласникот

На моќните војводи Глостер и Бакингам.

Архиепископот

За кое дело?

Гласникот

Сé што знаев кажав; зошто и за
какво дело велможите ги товарат
мене не ми е познато, милорде.

Елизабета

Леле боже, домот ми се руши,
тигарот ја зграпчил нежната срна;
тиранија сура почнува да лида
кон тронот невин и беспомошен.
Уништување, колеж, смрт следат!
Ко на карта крајот јасно го гледам.

Војвотката

О клети немирни денови црни,
колку ли од вас очи ми виделе!
Маж ми, за круната в гроб појде;
со менлива среќа децата беа,
а јас смерно се радував или плачев:
и најсетне, кога на трон седнаа,
завојуваа едни против други
победниците: брат против брат,
крв против крв, секој против секого:
о насилство лудо, незауздено,
гневот проклет еднаш заузди си го;
или нека умрам, смрт повеќе да не гледам!

Елизабета

Дојди синко, дојди, одиме во
светилиштето. Збогум, госпоѓо.

Војвотката

Чекајте, доаѓам со вас.

Елизабета

Немате причина за тоа.

Архиепископот

Одете госпоѓо милозлива
и таму богатството носете го
еве, вам печатот што го чував
ви го давам: и нека ме снајде

она што вам и на вашите ви го посакувам!
Одете, до светилиште ќе ве допратам.
(Излегуваат.)

Чин ТРЕТИ

Сцена 1

Лондон. Улица.

(Се слуша звук од труба. Влегуваат младиот принц, Глостер, Бакингам, Кејтзби, Кардиналот и други.)

Бакингам

Добредојде, принцу, дома во Лондон.

Глостер

Добредојде, владару на мислите мои
патот тежок доста те растажил.

Принцот

Не, стрико, крстовите наши по пат
тежок и заморен го направија:
повеќе стриковци сакав на дочекот.

Глостер

Доблеста невина твоја сé уште
не патела од светот порочен:
само по изглед луѓето ги цениш
а бог знае оти душата многу
ретко со изгледот е истоветна.
Вујковците што ги бараш, опасни се;
милоста твоја слаткоречивоста
им ја знае, но не и отровот в душа:
Господ да те чува од нив и од
пријатели лажни.

Принцот

Господ да ме
чува од пријатели лажни. Но
тие не беа такви.

Глостер

Господару, началникот на Лондон
доаѓа да ве поздрави.

(Влегува началникот со својата свита)

Началникот

Бог да ве плагослови
со здравје и среќа.

Принцот

Ти благодарам, лорду мој добар, ви
благодарам на сите. Мислев брат ми
Јорк и мајка ми уште на пат ќе не
пречекаат: Кај е тој мрзлив Хастингз
да ни́ каже дали ќе дојдат или не!
(Влегува Хастингз)

Бакингам

Еве лордот испотен доаќа.

Принцот

Добредојде, ќе дојде ли мајка ни́ ?

Хастингз

Бог знае по кој повод но не и јас.
кралицата, мајка би, и братв и Јорк
в светилиште заминаа. Принцот нежен
многу сакаше милоста да ви ја
види но, мајка му силум го спречи.

Бакингам

Гестот нејзин брз е и непромислен!
Кардиналу, убедете ја, ве молам,
кралицата, војводата Јорк веднаш
кај брат му кралски да го прати. Ако

одбива, одете и вие Хастингз
и силум од нејзе оттргнете го.

Кардиналот

Лорду Бакингам, ако невештиот
ми збор, војводата од мајка му
го добие, тогаш в час чекајте го;
но, ако е инатна на молбите
благи,господ небесен забранува
правото свето на светилиштето
да го прекршиме! За сета земја
во така длабок грев не би загазил.

Бакингам

Тврдокорни сте премногу, милорде,
тесногледи кон правилата:
по денешните сфаќања, тврдам
земањето негово не е богохулие.
Оти корисник на правото свето
е оној што со дела го заслужил или
што го барал самостојно: принцов,
ни го барал ни го заслужил;
следствено, според мене, не го ни има:
значи, кршејќиправо што го нема,
ни редот тамошен ни нешто друго
прекршувате. За мажи светци
сум чул но за деца светци никогаш.

Кардиналот

Бргу ме разубедивте, милорде.
Ќе додјете ли со мене, Хастингз?

Хастингз

Доаѓам, милорде.

Принцот

Со брзина најголема појдете.
(Излегуваат кардиналот и Хастингз)
Стрико Глостер, ако брат ми дојде
каде ќе бидеме до крунисувањето?

Глостер

Каде што најмногу ќе му се допадне
на кралската висост твоја. Мој совет
е два три дена в Кула да останеш:
потоа, по волја, кајшто најдобро
за здравјето и духот ќе ти годи.

Принцот

Најмалку од сé Кулата ја сакам.
Јулиј Цезар ли ја изградил, лорду?

Бакингам

Тој ја започнал, благороден лорду;
а доградувана е подоцна.

Принцот

Запишано ли е или пренесено
усно дека токму тој ја градел?

Бакингам

Запишано е благороден лорду.

Принцот

Но и да не е, лорду, вистината
чинам, низ вековите ќе живее,
кажувана на поколенијата
сé до последниот Суден ден.

Глостер

(За себе) Мудрите млади, велат, не живеат
долго.

Принцот

Што велиш, стрико?

Глостер

Велам славата
и незапишана живее долго.
(За себе) Така ко порок во лик на кривда
на зборот две значења му давам.

Принцот

Тој Јулиј Цезар славен бил човек;
со она со кое храброста, умот
му го збогатил, со тоа умот
запиша, храброста му ја овековечи:
неосвоен од смртта ваквиот е
освојувач, го нема в живот но
живее в слава. Чуј ме Бакингаме -

Бакингам

Да, благороден мој лорду?

Принцот

Ако доживеам маж да станам,
Франција назад ќе ја вратам, или
живеан ко крал, ко војник ќе умрам.

Глостер

(За себе) Пред кусото лето пролетта е рана.
(Се враќаат Хастингз и Кардиналот со младиот Јорк.)

Бакингам

Во добро време младиот Јорк иде.

Принцот

Ричард од Јорк! Како си мил наш брате?

Јорк

Добро, господару мој голем, таква
титула сега мора да користам.

Принцот

Да брате, за жал наша и твоја:
на тој што достојно му прилегаше
умре скоро и таа доста загуби.

Глостер

Како е внукот наш, кнежевскиот Јорк?

Јорк

Благодарам, стрико, добар. О, лорду,
ти рече коровот најбргу расте. Принцот,
брат ми, ме надвишил многу.

Глостер

Да лорду.

Јорк

Значи тој е бесплоден?

Глостер

Такво нешто не смеам да кажам.

Јорк

Тогаш повеќе ти должи од мене.

Глостер

Ко владар тој може да ми нареди
а тебе ко роднина да те слушам.

Јорк

Те молам стрико дај ми ја камата.

Глостер

Камава? Од сé срце внучко мој мал.

Принцот

Просиш брате?

Јорк

Од стрико ми мил што знам ќе ми ја даде;
не е грев играчка да се даде.

Глостер

И поголем дар стрико ќе ти даде.

Јорк

Поголем? Значи на мечот мислиш.

Глостер

Да, внучко но полесен да беше.

Јорк

Аха, лесните дарови ги даваш
за потешките одговорот е не.

Глостер

Претежок е за тебе да го носиш.

Јорк

И потежок да е би бил лесен.

Глостер

Што? Оружјево го сакаш, лорду мал?

Јорк

За достојно да ти се оддолжам.

Глостер

Како?

Јорк

Малку.

Принцот

Сé уште на јазик е остер но ти
стрико, знаеш како да го поднесеш

Јорк

Мислиш да ме носи не да ме поднесе?
Стрико, брат ми нам ни се потсмева;
оти сум малечок ко некој мајмун
мисли дека на рамена треба да ме носиш.

Бакингам

(За себе) Колку остроумно размислува тој!
За презирот кон Глостер да го ублажи
тој прикладно на себе се руга:
чудо едно, ем млад ем толку итар.

Глостер

Може да појдеме господару?
Јас и роднината мој Бакингам
кај мајка ви одиме со молба
в Кула добредојде да ви посака.

Јорк

Што? Зар в Кула одите господару?

Принцот

Лордот мој заштитник така бара.

Јорк

Лоши соништа в Кула ќе ме мачат.

Глостер

Зошто? Од што би се плашел?

Јорк

Од духот гневен на стрико ми Кларенс:
ми кажа баба, убиен бил таму.

Принцот

Од мртви стриковци не се плашам.

Глостер

Ни од живи, се надевам.

Принцот

Иако се живи, се надевам, не треба
да се плашам. Но, ајде! Со тешко срце
в Кула одам. на нив мислејќи.
(Труба. Излегуваат сите освен Глостер,

Бакинѓам и Кеј̄тзби.)

Бакингам

Чинам, безобразново Јоркче
од мајка му подла подучено беше
така злобно да ви се исмее.

Глостер

Се разбира: момчето е опасно,
смело, брзо, умно, способно, итро:
на мајка си се истерало ептен.

Бакингам

Точно, но доста за нив. Дојди, Кеј̄тзби,
се заколна ти да ги спроведуваш намерите наши
и во тајност да го држиш она
што ќе го кажеме:
причините наши добро ги знаеш.
Што мислиш? Тешко ли е лордот Хастингз
да се придобие за планот наш,
војводата Глостер да се постави
на тронот кралски од островов славен?

Кеј̄тзби

Поради татко му, тој толку принцот
го сака што придобивањето за
било што против него е невозможно.

Бакингам

А што мислиш за Станли?

Кеј̄тзби

Во сé ќе го следи Хастингза.

Бакингам

Тогаш вака: оди добар мој Кеј̄тзби
и одоколу надушкај што мисли
лордот Хастингз за намерите наши;
и викни го утре да дојде в Кула,
за крунисувањето да поразговараме.
Ако видиш дека ни е наклонет,
охрабри го, планот наш кажи му го:
ако е тврд, мртов ладен, безволен,
и ти биди таков; прекини веднаш
и за ставов негов извести нé:
утре два собира држи ме а ти
меѓу најзафатените ќе бидеш.

Глостер

Поздрави го лорд Вилјем и кажи му
дека утре душманите негови
во дворецот Помфрет ќе прокрварат
и нека радосен од веста, бакнеж
повеќе на мадам Шор ѝ подари.

Бакингам

Оди сега и сé добро изврши.

Кеј̄тзби

Ќе сторам сé што можам, лордови.

Глостер

Ќе ми се јавиш, Кеј̄тзби, пред спиење?

Кеј̄тзби

Да, лорду мој.

Глостер

Во Крозби објацата ќе нé најдеш.
(Излеѓува Кеј̄тзби.)

Бакингам

Што ќе биде лорду, ако лордот
Хастингз предлогот не ни́ го прифати?

Глостер

Главата ќе му летне - ќе видиме.
Штом станам крал, грофовијата Хирфорд
барај ја од мене и подвижниот
имот што го држеше кралот, брат ми.

Бакингам

Ветувањето ова од раката
на милоста ваша ќе го барам.

Глостер

И најљубезно ќе ти се даде. Но,
да вечераме сега за потоа
пак за планот да поразговараме.
(Излегуваат.)

Сцена 2

(Пред куќата на лорд Хастингз; ноќе)
(Гласник пред вратата.)

Гласникот

(Чука) Господару! Господару!

Хастингз

(Одвнатре) Кој чука?

Гласникот

Гласник од лорд Станли.

Хастингз

(Одвнатре) Колку е часот?

Гласникот

Отчука четири.
(Хастингз ја отвора вратата.)

Хастингз

Зарем лордот Станли бо ноќиве долги
не спие?

Гласникот

Изгледа, по она што ќе ви кажам.
Прво, тој многу ве поздравува.

Хастингз

А второ?

Гласникот

Второ ви јавува оти ноќва
вепар на сон шлемот му го симнал:
па дека два собира ќе се држат,
и за решенијата на едниот
на другиот може да зажалите.
Затоа прашува дали сакате
веднаш, со него, на коњи кон север

да одјавате и опасноста што
ја насетува да ја избегнете.

Хастингз

О, назад појди кај господарот свој ,
страв да нема од засебни собири
тој и јас на едниот ќе сме, а на
другиот, пријателот мој, Кејтзби.
Ништо што за нас ќе се однесува
без мое знаење не ќе мине.
Стравот му е плиток и без основа.
А за сонот, ме чуди, што слепо
во присенот на морињата верува
да се бега од крмакот пред в траг
да ти влегол, знак е за него в траг
да ти влезе и да лови кога
не мислел на лов. Оди, господарот
кај мене нека дојде па заедно
да појдеме в Кула, и ќе види
вепарот љубезен ќе биде со нас.

Гласникот

Одам, лорду, и сé ќе му пренесувам.
(Си оди)
(Влегува Кејрзби)

Кејтзби

Добро утро, благороден лорду!

Хастингз

Добро утро, Кејтзби, ранобудецу,
што е ново во државава трошна?

Кејтзби

Светот навистина се ниша, лорду
и нема да се смири се дури Ричард
венецот кралски не го понесе.

Хастингз

Што, венецот? Зарем на крупната мислиш?

Кејтзби

Да, лорду.

Хастингз

Подобро крунава од
рамена да ми летне одошто
да ја видам толку грешно сместена.
Се колнеш ли дека тоа му е цел?

Кејтзби

Во животот, и уште се надева
на подшка ваша во ова: па
затоа добри вести ви праќа,
дека токму денес, душманите
ваши, роднините на кралицата,
мора да умрат во дворецот Помфрет.

Хастингз

Искрено, за вестиве не ќе жалам,
секогаш тие душмани ми биле,
наследниците вистински, тоа ни
по цена на шивотот не ќе се случи.

Кејтзби

Бог нека ве чува во племенитоста.

Хастингз

Но, по година веќе ќе се смеам
на тие кај господарит што ме
набедија, крајот гледајќи им го.
Па, Кејтзби, пред две недели да минат,
некои неподготвени ги испраќам.

Кејтзби

Грозно е да се умре, добар лорду,
неподготвен и неочекувано.

Хастингз

Грозно, грозно! А тоа ќе се случи
со Риверс, Вон и Грej: а ќе се случи
и со други што се мислат безбедни

ко што сме ти и јас со Ричард и Бакингам.

Кејтзби

И двајцата високо ве ценат -
(*за себе)* - оти за нив веќе е мртов.

Хастингз

Знам, а тоа добро сум го заслужил.
(Влегува Лорд Станли.)
Дојди, дојди, каде ти е копјето?
Зарем веќе од вепарот не се плашиш?

Станли

Добро утро, лорду, добро утро Кејтзби
смеј се но, жими крстот, собираме
различни многу ми се сомнителни.

Хастингз

Зарем само ти животот си го сакаш?
Те уверувам дека токму денес
ко никогаш животот си го сакам.
Зарем да не мислиш дека сме безбедни
мислиш вака будалски би сме смеел?

Станли

И лордовите од Лондон за Помфрет
кога јаваа весели беа и
сигурни, не сомневајши се ни миг;
но, сепак в миг денот им се стемна.
Баш од брз удар на врагот са плашам:
камо среша да не сум во право! Но,
ќе појдеме ли в Кула? Денот врви.

Хастингз

Одиме, а лордовите за коу
зборуваше денес ќе ги обезглават.

Станли

Подобро, велам глави да си носат
одошто обвинителите шапки.
Но, да појдеме, лорду.
(Влегува помошникот на гласникот.)
Тргнете напред. Со момчево малку
ќе позборувам.
(Станли и Кејтзби излегуваат.)
Како си момче?
Како ти оди?

Пом.на глас

Подобро штом
лордството ваше ме прашува.

Хастингз

Ти велам подобро ми е сега од
последниот пат кога ме виде;
тогаш в Кула ме водеа набеден
од сојузниците на кралицата;
но сега, ова во доверба ти го
велам, смртта неизбежно ги чека
а јас сум подобар од било кога.

Пом.гласник

Бог по задоволство нека ви чини.

Хастингз

Браво момче, испиј една за мене.
(Му фрла ќесе)

Пом.гласник

Му благодарам на лордството ваше.
(Излегува)
(Влегува Бакингам.)

Бакингам

Што, со поп зборувате канцелару?
Тој на пријателите ваши во
Помфрет им треба, но никако вам.

Хастингз

Навистина, кога светијава го
сретнав, на луѓето што ги спомнавте
се сетив. Ќе одиме ли в Кула?

Бакингам

Да, лорду, но долго не останувам.
Ќе се вратам пред лордството ваше.

Хастингз

Можно е. За ручек ќе бидам таму

Бакингам

(За себе) И за вежера, иако не знаеш.
(*Гласно)* Ќе одиме ли?

Хастингз

На вас, лорду, чекам.
(Излегуваат заедно.)

Сцена 3

Помфрет

(Влегуваат сер Ричард Ратклиф со стража која ги спроведува Риверс, Греј и Вон на губилиште.)

Риверс

Сер Ричард Ратклиф, да ти кажам. Денес
ќе видиш поданици што ќе умрат
бидејќи верни и послушни биле.

Греј

Бог принцот нека го чува од сојот ваш!
Банда сте вие крвопијци клети.

Вон

За ова зло ќе ве навјаса еднаш.

Ратклиф

Доста, животот ваш завршува овде.

Риверс

О, Помфрет, Помфрет, ти затвору крвав,
за велможи многу фатално кобен!
Меѓу виновните видишта твои
Ричард Втори со смрт беше накажан;
и за уште позлогласен да стенеш
и крвта невина наша, испи ја!

Греј

Клетвата на Маргарита не стигна,
фрлена врз нас и врз Хасингз, дека
гледавме кога Ричард син ѝ го закла.

Риварс

И Ричард го проколна и Бакингам,
го проколна и Хастингз. Помни, боже,
и нив да ги стигне ко сега нас!
А за сестра ми и децата нејзини,
задоволи се, на правина, ќе шикне.

Ратклив

Побрзајте, часот смртен е близу.

Риверс

Грej, Вон, да се прегнеме и збогум
до средбата повторна во рајот.
(Излегуваат.)

Сцена 4

Кулата во Лондон

(Бакингам, Станли, Хастингз, Елскиот епископ, Ратклиф, Лавел и други седат на маса)

Хастингз

Веломожи силни, се собравме овде
за крунисувањето да решиме.
Кажете, кој ден ќе биде тоа?

Бакингам

Сé е спремно за чинот кралски?

Станли

Да, уште време да определиме.

Епископот

Судам оти утре ден би бил среќен.

Бакингам

Што мисли лордот заштитник за ова?
Кој е најблизок со војводата?

Епископот

Вие, чинам, најдобро мислите
му ги знаете.

Бакингам

По ликот се знаеме: за срцата,
тој знае за моето колку јас
за вашето а јас за неговото
колку вие за моето. Лордот Хастингз,
вие по љубов, чинам, сте најблиски.

Хастингз

Му благодарам. Знам оти ме сака;
но што смери со крунисувањето
нити сум го прашал, нити тој ми го кажал

мислењето свое милозливо.
Но, вие, чесни лордови, времето
одредете го, а за војводата
ќе се согласи.
(Влегува Глостер)

Епископот

Во среќен час војводата иде.

Глостер

Лордови чесни, роднини мили,
добро утро. Се успав но верувам
и без мене би решиле работи
што со мене би се благословиле.

Бакингам

Да не дојдевте на часов, лорду мој,
Вилјам лорд Хастингз за вас гласал
мислам, за вокралувањето на тронот!

Глостер

Посмел човек од лорд Хастингз нема.
Тој мене добро ме знае и сака.
Лорду мој Елски, во Холборн кога бев,
добри јагоди в градина ви видов:
Ве молам, пратете некого по нив.

Епископот

Се разбира, со задоволство, лорду.
(Излегува.)

Глостер

Роднино Бакингам, само за час.
(*Го повлекува на страна)*
Кејтзби Хастингз го продушкал за она.
Господинов толку се закрвил што
само мртов согласност би дал синот
на господарот негов, како што
понизно го вика, да го загуби
правото на англискиот престол.

Бакингам

Повлечете се малку, идам по вас.
(Излегува.)

Станли

Денот свечен уште не утврден.
Утре, мислам, прерано е сепак,
а и сам не сум доволно подготвен
како што би бил ако се одложи.
(Се враќа Епископот.)

Епископот

Каде е лордот, војводата Глостер?
По јагодине веќе пратив.

Хастингз

Тој мек и бодар ми изгледа утрово
нешто убаво мора да му пошло
штом вака весело нé поздрави.
Во светот рисјански нема друг човек
што од него помалку чувствата
би ги скрил, на ликот веднаш срцето
му се чита.

Станли

Што му прочита денес, од срцето
по знаци на лик што ги покажа?

Хастингз

Од никого овде не е повреден,
да беше, од погледот ќе му видев.
*(Се враќаат Глостер и Бакингам; Глостер е кисел
со намуртени веѓи, си ги подгризнува устието.)*

Глостер

Кажете, ве молам, што заслужиле
тие што смрт ми токмат со ѓаволски игри
и вештерство клето, и што телово со
баење адски ми го завладале?

Хастингз

Љубовта нежна што кон вас ја имам
ми дава право прв пред велможибе
таквите да ги судам; без оглед
кои се, велам, смрт заслужуваат.

Глостер

Тогаш очите ваши за злото нека
сведочат. Гледајте што сум колнат,
видете, ракава ми е дрвце младо
од клетва согниено; жената на
Едвард, таа вештерка чудовишна
и онаа курва растурена, Шор,
со магии вака ме бележија.

Хасингз

Ако тоа го сториле, лорду-

Глостер

Ако! Ти заштитнику на курвите,
зарем ти мене за "ако " ми зборуваш?
Предавник си ти! Сечете му ја главата!
Жими свети Павле, нема да ручам
пред овде да ја видам стркалана.
Лавел, Ратклиф! Свршете го тоа:
кој ме сака нека стане, нека ме следи.
(*Заминуваат сите освен Хастингз, Лавел иРатклиф.)*

Хастингз

Зло, зло над Англија! Не над мене;
да мислев можев да се спасам. Станли
вепарот го сони што душкал по
нас. А јас презрев. Одбив да бегам:
трипати денес коњот ми се препна,
трзна диво Кулата штом ја виде
неќејќи в кланица да ме носи.
О, сега попот преешен ми треба.
Се кајам што на гласникот му реков,
во налет злочест, оти денес Помфрет,
душманите мои ќе ги сосечат.
О, Маргарито, Маргарито! Ќе
молсне сега клетвата ти тешка врз
главата бедна на кутриот Хастингз!

Ратклиф

Доста, доста, војводата би ручал:
биди краток; главата ти ја бара.

Хастингз

О, милост моментна на смртниците,
помила што си од милоста божја!
Кој надеж бара во погледот ти лажен,
како пијан морнар живее на јарбол
што тетерав може в час да се урне
во загработ кобен на длабочините.

Лавел

Ајде брзни! Безвредно е да кукаш!

Хастингз

О, Ричарде крвав, Англијо јадна!
Најстрашно доба ти претскажувам што
никогаш не било на веков проклет.
Водете ме сега кај сите жртви
смејте се вие што скоро ќе сте мртви.
(Излегуваат.)

Сцена 5

Во ѕидовите на Кулата.

(Влегуваат Глостер и Бакингам во зарѓани оклопи и чудно дотерани)

Глостер

Ајде роднино,
можеш да се тресеш, бои да менуваш,
среде зборот здивот да го убиваш;
и пак исто од почеток, и пак, пак,
небаре си мрднат и улав од страв?

Бакингам

Можам најцрн трагичар да глумам, да
говорам назад обрнувајќи се,
на секоја страна да се џарам, да
цимолам трогнат сламка штом затрепери,
длабок сомнеж глумејќи: погледни
сенишни можам и насмевки лажни
во секое време да употребам
ко украс на лукавството мое.
Но, ве прашувам, замина ли Кејтзби?

Глостер

Да, и гледај началникот го носи.
(Влегуваат Кајтзби и началникот.)

Бакингам

Лорду началниче, - *(се сетнува)*

Глостер

Внимавајте на подвижниот мост!

Бакингам

Барабан се слуша!

Глостер

Кејтзби, ѕидините.

Бакингам

Началнику! Ве викнавме, лорду -

Глостер

Внимавај зад грб, брани се душмани!

Бакингам

Господ и невиноста наша нека
нé вардат и бранат!

Глостер

Смири се,
наши се, Ратклиф и Лавел се тоа.
(Влегуваат Ратклиф и Лавел носејќи ја главата на хастингз.)

Лавел

Еве ја главата на предавникот.
опасниот и препреден Хастингз.

Глостер

Толку мил човек ми беше
што сега морам да заплачам. Го сметав
за најневино рисјанско чедо што
на свет дише. Книга ми беше каде
душава, историјата на мислите
свои ја запишуваше. Толку вешто
со доблест порокот го прикриваше
што освен вината јавна, мислам
врската подла со жената на Шор
вон секаков сомнеж живееше тој.

Бакингам

Најпотаен подол предавник беше.
Ќе се сетевте ли, ве молам, случајно
живи да не останевте, дека
предавникот оидол, смислил денес,
во салата за совети да не
убие мене и лордот мој Глостер?

Началникот

Зарем тоа го сторил.

Глостер

Што? зарем на
Турци некрстени ви личиме?
Што вака незаконски смртта на
подлецов би ја забрзале ако
опасноста голема на случајов,
мирот на Англија и безбедноста
наша на ова не нé присилија?

Началникот

В ред е! Тој смртта си ја заслужи;
чинот ваш поука е и за други
што слични дела помислуваат.

Бакингам

Подобро од него и не очекував,
откако со онаа Шор се сплетка.
Сепак, не бевме решиле да умре
пред вие крајот да му го видите
но, пријателиве љубезни наши,
против желбата наша побрзаа.
Дека, лорду, сакав лично од него
да чуете како в плач ги признава
начинот и смерот на предавството;
за истото на граѓаните да им
го кажете како би нé сфатиле
и смртта не би му ја оплакувале.

Началникот

Штом вас ве чув, лорду, како лично него
да сум го видел и чул да зборува:
ве уверувам, принцови правични
дека граѓаните ќе дознаат за
правичната постапка во случајов.

Глостер

Затоа ве викнавме, лош прекор
да нема низ народов злонамерен.

Бакингам

Но, задоцнет оти за намерава
сведочите по чуеното за неа:
а сега, збогум добар мој лорду.
(Началникоѿ си оди.)

Глостер

По него, по него, Бакингаме.
Началникот Гилдхол ита. Таму,
во час најпогоден, раструби за
копилството на децата на Едвард.
Иза граѓанинот што Едвард на смрт
го осуди дека рекол син му
тронот ќе го наследи, се разбира,
на домот свој мислекќи што само
белег таков носел. Потсили ги
и за развратот му гаден, страста sверска
за промена на блудот, што на слушките
нивни, ќерките, жените се прошири.
Секаде кајшто ненаситно, и со
срце дивјачко, повтеше да граби.
Ако треба и мене вмешај ме:
кажи им на кога мајка му затрудна,
со ненаситниот Едвард, тогаш Јорк
кралскиот мој татко, во Франција
војуваше; и со точна пресметка
на времето тој верно утврди
дека рожбата негова не била:
што и по изгледот се гледаше
во ништо тој не личеше на татко
сепак за ова пази. Заобиколувај.
Знаеш, мајка ми сé уште е жива.

Бакингам

Ќе одглумам, лорду, како имотот
златен за кој се борам да е
за мене. А сега збогум, добар лорду.

Глостер

Ако ти појде доведи ги нив во
замокот Бејнард кајшто ќе бидам со
попови и епископи учени.

Бакингам

Одам. Кон три или четири часот
вести од Гилдхол очекувајте.
(Излегува)

Глостер

Брзо, Лавел, оди кај доктор Шор;
(На Кејтзби) а ти кај отец Пенкер; нека веднаш
дојдат во замокот Баејнард.
(Излегуваат.)
А сега, налог таен ќе дадам
децата на Кларенс негде да ги мавнат
а пристапот кај принцовите за
секој жив човек ќе го забранам.
(Излегува.)

Сцена 6

Лондон. Улица.

(Влегува Писар со документ в раце.)

Писарот

Еве ја оптужбата на лорд Хастингз,
красно, званично раконапишана.
За денес, во Сент Пол да се прочита.
Смислена и скрасена е сложно.
Единаесет часови ја препишував
оти Кејтзби сношти ми ја прати;
претходната исто толкава беше:
а Хастингз до пред Пет часа жив беше,
чист, несослушан, на слобода. Ама
свет! Секој знае за местенкава! Но,
на нокој не му стиска гласно да ја знае.
Лош е светот и лошо сé ќе сврши
штом злосторов мора в тајност да се држи.

Сцена 7

Пред замокот Бејнард.

(Влегуваат Глостер и Бакингам на различни врати.)

Глостер

Што велат, што велат граѓаните?

Бакингам

Молчат, жими господ. Неми се,
ни збор да гугнат.

Глостер

Го спомна
копилството на децата од Едвард?

Бакингам

Да. И веридбата со лејди Луси,
веридбата со стројник во Франција;
алчноста негова незаситна и
силувањето на градските жени;
тиранијата, личното копилство,
раѓањето во отсуство на тако ви,
неговата несличност со војводата:
вашите црти ги истакнав, реков
плукнат сте татко ви, по лик, по душа,
победите во Шкотска ги набројав
ваши, воената дисциплинираност,
мирнодопската мудрост, штедроста,
ваша, доблесноста, човештината,
сé набројав за целта што ќе служи;
и на крајот ги повикав сите
што доброто на земјата го повтат
да викнат "Да живее Ричард, кралот
на Англија!"

Глостер

Викаа и тие така?

Бакингам

Не, жими господ, ни збор да гугнат;
ко кипови неми, трупци што дишат,
сé така се џареа смртно бледи.
Ги прекорив, началникот го прашав
што значи тишината мртва. Рече,
навикнати биле само писарот
да им говори. И тој им прекажа:
"Вака рече војводата, онака…"
сé повтори но ништо свое не рече.
Кога запре, некои мои луѓе
од назад, ги фрлија шапките
и десетина гласови се чуја:
"Да живее крал Ричард!" "Благодарам
граѓани, пријатели добри" - реков
искористувајќи ја можноста, "општиов
аплауз и овацииве бодри
мудроста ви ја покажуваат
и љубовта за Ричард" - и тука
прекинав и поитав ваму.

Глостер

Немтуришта. Баш ништо не рекоа?

Бакингам

Ништо, жими бога, милорде.

Глостер

Доаѓа началникот со другите?

Бакингам

Само што не дошле: глумете малку,
зборувајте само ако мора:
имајте молитвеник в раце; меѓу
двајца црковници застанете;
врз тоа, свето ќе ве величам:
не попуштајте лесно пред молбите;
и ко мома, велејќи не, прифатете.

Глостер

Одам. Ако добар овчар им бидеш
ко што јас тебе "не" ќе ти велам
сигурно ова ќе го завршиме.

Бакингам

Одете! Брзо! Началникот тропа.
(*Влегуваат Началникот и Граѓаните.)*
Добродојдовте. Јас одамна чекам
но мислам дека никого не прима.
(Доаѓа Кејтзби.)
Кејтзби, што вели господарот твој?

Кејтзби

Ви ја моли милоста, господару добар,
по ден два да го посетите: сега
е со двајца чесни духовници
во набожност задлабочен; и ништо овосветско
од светиот чин нема да го одвои.

Бакингам

Врати се Кејтзби, кај господарот влези;
кажи му дека јас, началникот и
одборниците, во важен миг сме дошле
за крупни работи и општо добро
со него да поразговараме.

Кејтзби

Веднаш ќе му го пренесам ова.
(*Влегува.)*

Бакингам

Ете, лорду, овој принц не е Едвард!
Тој не се валка в постела блудна
туку на колена побожно се моли;
тој не денгуби со куп куртизани
туку со свештеници размислува;
тој не спие, телото да го здебели
туку се моли, го збогатува духот;
среќна Англија би била ако
принцов се нафати крал да ѝ биде.
Но знам, тешко, тешко ќе го наговориме.

Началникот

Не дај боже принцот да нé одбие.

Бакингам

Не велете двапати но, доаѓа Кејтзби.
(Се враќа Кејтзби.)
И што вели неговата милост?

Кејтзби

Се чуди, лорду, со каква цел толкав
народ сте собрале без милоста
претходно да му ја известите.
Од лоши намери се плаши, лорду.

Бакингам

Жал ми е што роднината мој мисли
дека му подготвувам нешто лошо.
Се колнам, дојдовме со најчиста љубов.
Ова на војводата кажи му го.
(Кејтзби повторно влегува.)
Кога светци и набожни се молат
светиот чин многу тешко го остваваат,
толку им е страсна набожноста.
(Се појавува Глостер горе меѓу двајца епископи: се враќа и Кејтзби.)

Началникот

Тој меѓу двајца духовници стои!

Бакингам

Два доблесни столба рисјанскиот принц
го вардат од црвот на суетноста;
а и молитвеник в раце држи
симбол верен на побожниот човек.
Славен Плантагенету, принцу красен,
барањата послушајте ги наши;
и простете ни што чинот свет
и хрисјански вака ви го прекинуваме.

Глостер

Лорду, нема тука што да се прости,
туку ве молам вие да ми простите
што верен на службата божја,
ве оставив да чекате. Но,
на што се должи посетата ваша?

Бакингам

На она што и на Бога му е мило
и на сите од островов безвалстен.

Глостер

Се плашам некаква грешка да не сум сторил
болно што штрчи во градските очи
па сега сте дошле да ме укорите.

Бакингам

Точно, лорду. И ве молиме веднаш
грешката да си ја признаете.

Глостер

Затоа дишам во рисјанска земја.

Бакингам

Грешка ви е што им ги препуштате
на немилост на сојот озлогласен
тронот врховен, престолот кралски,
жезлото владарско на вашите претци,
среќата ваша, правото наследно
честа заслужена на домот ваш кралски;
во благоста на подзаспаните ви мисли
што за општо добро ги будиме,
красниов остров својот спас го гледа.
Ликот му е огрден со струпје срамно
кралското стебло со калеми диви,
и турното скоро во протокот алчен
од црна мора и заборав длабок.
За да оздрави, ве молиме штедро,
на себе вие да ја преземете
власта кралска над оваа земја
не ко регент, старател, заменик,
или низок аргат за добивка туѓа,
туку ко наследник законски, по крв,
на земјата ваша, ова царство.
За ова со граѓаниве, што
ве сакаат и ценат по наговор
жесток нивен и самиот дојдов
за целта праведна да ве придобија.

Глостер

Ако заминам молчејќи или
ако ве прекорам луто, не знам дали
убаво и мене и вам ќе ни личи:
ако молчам, може ќе помислите
властољубив сум и без збор сакам
јаремот да го понесам златен
што сами ми го наметнувате.
Ако ве укорам за молбата
толку зачинета со љубов верна
тогаш знам, навреда е тоа за вас.
Значи - за да го избегнам првото
а второто да не го навлечам
вака цврсто јас ви одговарам:
благодарност заслуживте, но мала
ми е заслугата за таква почест.
Прво, ако, да речеме, пречка нема,
и патот ми е чист до круната,
по зрелоста и по правото наследно
сепак пресиромав сум јас во духот
и маните ми се многумоќни
што и од великоста своја би се скрил
ко кораб немоштен на моќно море
место во великоста да се скријам
од присенот на славата здушен.
Но, за среќа, од мене нужда нема,
а и премалку можам да помогнам.
Кралското дрво, кралски плод даде,
што крадешкум, ќе созрее со време
и достоен владар ќе ни стане
усреќувајќи нé на тој начин.
На него го ставам тоа што вие
на мене би го ставиле; правото
и среќата на среќните му sвезди
што, не дај боже, јас да му го земам!

Бакингам

Совесна е многу милоста ваша,
сепак наводите ви се безвредни
а работите ги знаеме многу добро.
Велите Едвард е син на брат ви, исто
и ние, но не од жената на Едвард;
оти првин со лејди Луси беше свршен
за чинов жив сведок е мајка ви, а
потоа преку стројник се вери со
Бона, свеска на кралот фрнацуски.
Двете ги истисна, просјачка долна,

грижоморната мајка многудетна
снеубавената вдовица јадна
што во зенитот на дните најдобри
очите блудни в час му ги залуди
го знаиша врвот негов кралски
и ниско, во јавно двоженство го фрли.
Од неа блудно тој Едвард го доби
кого од учтивост принц го викаме.
И поболно би можел да говорам
но од почит од некои, сé уште живи,
воздржан на јазик ќе бидам. И
затоа, нека кралската му висост
честа понудена ја прифати
ако не за нас и за среќата на
земјава кутра, тогаш барем за спасот
на лозата ваша благородна од блудниот
заграб на времињата.

Началникот

Прифатете, граѓаните ве молат.

Бакингам

Љубовта штедра не одбивајте ја!

Кејтзби

Молбата законска услишете ја!

Глостер

О, зарем со толку грижи би ме нагрбиле?
Неподобен сум за власт и држава;
ве молам, и за зло не ми земјате
но не можам и нема да попуштам.

Бакингам

Ако одбиете од љубов верна
и од обзир кон детето на брат ви
а срцето нежно ви го знаеме
и грижата мајчинска за родот ваш
а поседнакво и за сите други
сепак знајте, без оглед на исходов,
синот на брат ви, крал не ќе ни биде
туку друг на престолот ќе всадиме,
за резил и пропаст на вашата лоза;
и со ова ве оставаме. Ајде,
граѓани! Жими бога, доста молев!

Глостер

О, не колни се лорду Бакингам.
Бакингам излегува. Граѓаните полека тргнуваат по него.)

Кејтзби

Вратете ги назад принцу красен.
Молбата прифатете им ја. Ако
одбиете, народов цек ќе жали.

Глостер

О, во свет од грижи ме туркате.
Викни ги, и јас од камен не сум,
туку пред молбите ваши попуштам
против совеста и душата своја.
(Се враќаат Бакингам и другите.)
Роднино Бакингам, о луѓе мудри,
штом со таква судбина ме врзувате
сакал-неќел товарот да ѝ го носам
тогаш морам до крај да ја износам.
Но црна клевета или гнасен прекор
ако на наметнувањето ваше паднат
присилбата ваша ќе ме штити
од сите флеки и нечисти лаги
зашто бог знае а видовте и сами
колку бев далеку од ваквата желба.

Началникот

Благословени да сте! Видовме и тоа
ќе го прикажуваме.

Глостер

Прикажувајќи
само вистината ќе ја кажувате.

Бакингам

А сега ќе ве поздравам кралски:
Да живее Ричард, кралот достоен
на Англија!

Сите

Да живее!

Бакингам

Дали ви е по волја
утре да се вокралите?

Глостер

Кога сакате. Желбата беше ваша.

Бакингам

Тогаш ќе ве придружуваме утре.
Сега радосни многу ве напуштаме.

Глостер

Да се вратиме на мисата света.
Збогум роднино, пријатели збогум.
(*Одат.)*

Чин ЧЕТВРТИ

Сцена 1

Пред Кулата.

(Влегуваат кралицата Елизабета, Воводката од Јорк и маркизот Дорсет од една страна а од другата Ана, војводката од Глостер и лејди Маргарет Плантагенет. помладата ќерка на Кларенс.)

Војвотката

О, види, внука ми Плантагент
од стрина ѝ љубезна, Глостер, водена.
Убедена сум , кон Кулата лида
принцовите нежни да ги позрави.
Здраво живо, снао.

Ана

Здравје и двете да имате,
среќен да ви е денот.

Елизабета

И вам добра сестро. Каде тргнавте?

Ана

Не подалеку од Кулата
и чинам, со иста намера ко вас,
принцовите нежни да ги поздравам.

Елизабета

Благодарам, заедно ќе влземе.
(Брекенбери излегува од Кулата)
Во добро време надлежниот иде.
Кажете ми господине, како е
принцот и младиот син мој од Јорк?

Брекенбери

Добри се, госпоѓо мила. Простете,
но кај нив не смеам да ве пушта.
Кралот тоа најстрого го забрани.

Елизабета

Кралот? А кој е тоа?

Брекенбери

Мислев лордот заштитник.

Елизабета

Бог да го брани од таква титула!
Зарем меѓу љубовта наша се вмешал?
Мајка сум им! Кој од нив ме дели?

Војвотката

А јас мајка на татко им. Ќе влезам!

Ана

По закон стрина, по љубов сум мајка
одведи ме кај нив; одговарам јас
за прекршокот што ти ќе го сториш.

Брекенбери

Жалам, госпоѓо, жалам, но не може.
Со заклетва сум врзан. Простете ми.
(Влегува внатре. Доаѓа лорд Станли.)

Станли

Ако по еден час ве сретнам,
ќе ја поздравам милоста ваша од Јорк
ко свекрва на две кралици лични.
(На Ана.) Вие веднаш во Вестминстер
морате кралица на Ричард да станете.

Елизабета

Ах, олабавете ме овде, за срцево
послободно да ми чука или
паѓам на веста црнила полна.

Ана

Аберу злокобен! О новост мрачна!

Дорсет

Смирете се, како сте мајко?

Елизабета

Бегај Дорсете, не говори ми мене!
Смрт и пропаст тебе ми те гонат,
името мајкино кобно е за вас.
Ако се спасиш, морето мини го
и живеј со Ричмонд, од адот скраја:
оди, бегај, бегај од кланицава,
бројот мртовци не го зголемувај,
за да умрам од клетвата на Маргарита
ни ко мајка ни ко жена ни
ко полноправна кралица на Англија.

Станли

Мудар ви е советот, госпоѓо
(На Дорсет)
Брзата предност на часот зграби ја:
порака за син ми ќе ти дадам
на пат да те пречека. Од доцнеж
плиток сопрен, лесно ќе те фатат.

Војвотката

О луњо црна, злото што го шириш!
О утробо клета, лулко на смртта!
Змев најпоган ти на свет изsвери
што со погледот уроклив убива.

Станли

Госпоѓо, морам веднаш да се вратам.

Ана

А јас најбезволно ќе ве следам.
Да даде господ, обрачот златен
што главата ќе ја опфати моја
да вжешти, мозокот да ми го спржи!
Од отров да ме снема пред да викнат
“Да живее кралицата!”

Елизабета

Оди душо кутра, завист јас немам.
Поради себе не ти сакам зло.

Ана

О кога оној што маж ми е сега
на закопот на Хенри ме сретна
со раце валкани од крвта што шикна
од првиот маж и оној светец мил
што липајќи го испраќав -
О, кога тогаш го погледнав Ричард
вака го колнев: “Проклет,” реков, “биди
што млада-стара вдовица ме стори!
Ако се жениш, тага имај в кревет;
жена ти, ако ја имаш, понесреќна
од животот со тебе нека биде
одошто јас со смртта на мажот ми!”
И пред клетвата да ја повторам
во кратко време, срцево женско
со зборови медни ми го залуде
и сама паднав под својата клетва
и спокој за очиве веќе немав;
ниеден час во креветот негов
златниот дар на сонот не го сетив
туку бев будна од соништата грозни.
А и за татко ми, Ворик, ме мрази
па и од мене знам, ќе се оттараси.

Елизабета

Збогум сирота жено! Јадот твој го жалам.

Ана

Исто како што јас твојот го жалам.

Елизабета

Збогум славодобитничке!

Ана

Збогум јадна славогубничке!

Војвотката

(На Дорсет.) Оди кај Ричмонд. Среќа нека
те прати!
(На Ана) Оди кај Ричард, светци нека те
вардат!
(На Елизабета) Ти в светилиште и мисли
нека те хранат!
А јас в гроб, мир и спокој кајшто има!
Осумдесет таговни лета видов
за секој час радост, недели тага.

Елизабета

Погледни в Кула уште еднаш:
милост, камења древни, за децата
нежни што зависта меѓу вас ги фрли!
Лулко груба за рожбите лични,
груба сестро, друшко стара, темна,
за принцовите! Биди со нив добра!
Збогум ти што тага на душа ми собра!
(Заминуваат.)

Сцена 2

Лондон. Дворецот.

(Труба. Влегува Ричард со свечена носија, крунисан. Бакингам, Кејтзби, Паж и други.)

Крал Ричард

На страна сите. Роднино Бакингам!

Бакингам

Владару мој милозлив.

Крал Ричард

Дај ми рака.
Трубите свират додека се качува на престолот.)
По твој совет и со твоја помош
кралот Ричард толку високо седи:
но дали еден ден или вечно ќе трае
славата за да ѝ се радуваме?

Бакингам

Таа живее и вечно нека трае!

Крал Ричард

Ах Бакингам, ќе те проверам сега
дали си навистина чисто злато.
Младиот Едвард е жив. Знаеш ли
што ќе речам?

Бакингам

Речете, господару.

Крал Ричард

Велам Бакингам, сакам да станам крал.

Бакингам

Тоа и сте, триж сакан господару.

Крал Ричард

Крал сум? Знам но сепак жив е Едвард.

Бакингам

Точно господару.

Крал Ричард

О, исход горчлив
штом Едвард е жив: "Точно, господару!"
Роднино, па ти не беше толку глуп.
Да кажам јасно? Копилињата
сакам веднаш да умрат. Што велиш
на ова? Зборувај, биди краток.

Бакингам

Можете да правите сé што ви е по волја.

Крал Ричард

Ту, ама се смрачи! Ко мраз си ладен.
Кажи, се согласуваш ли да умрат?

Бакингам

Дајте ми здив да земам, господару
пред потврдно да ви одговорам.
Бргу одговорот ќе ви стигне.
(Заминува.)

Кејтзби

(За себе) Кралот е лут; усните си ги гризе.

Крал Ричард

Ќе зборувам со глупаци тврди,
момчиња долни: не се за мене
(слегува од престолот)
такви што сомничаво ме меркаат.
Алчниот Бакингам се отрезнува.
Момче!

Пажот

Господару?

Крал Ричард

Знаеш ли некого што за злато,
такно и безобзирно би убил?

Пажот

Знам еден незадоволен господин
којшто малку има средства за духот зол:
ко триста говорници е златото
и на сé би го натерало.

Крал Ричард

Како се вика?

Пажот

Тирел, господару.

Крал Ричард

Малку и го знам. Веднаш повикај го.
(Заминува пажот.)
Итриот длабокоумен Бакингам
не ми е веќе другар во мислите.
Толку долго неуморен беше
а сега здив бара. Па, нека е така.
(Влегува Станли.)
Што има лорду Станли?

Станли

Величество,
маркизот Дорсет, слушам, пребегнал
во земјата којшто пребива Ричмонд.
(Застанува на страна.)

Крал Ричард

Дојди овде, Кејтзби. Разгласи веднаш
дека Ана. жена ми, е тешко болна.
Ќе средам во јавноста да ја нема.
Сиромав најди ми господин
со ќерката да го оженам на Кларенс.
Синот му е глуп, од него страв немам.
Што дремеш? Реков разгласи веднаш
Ана, кралицата е болна пред смрт.
Тргај! Надежта морам да ја сечам

пред растот нејзин да ме уништи.
(Кејтзби брзо излегува.)
Морам со внука ми да се оженам
за кралството да ми фати корен…
Смрт на браќа ѝ, а потоа свадба!
Несигурно, несигурно, но толку
сум во крв што гревот грев нов си бара:
Сожалба плачна во очиве нема.
(Влегува Пажот со Тирел.)
Ти си Тирел?

Тирел

Џејмз Тирел, најпокорен ваш слуга.

Крал Ричард

Навистина?

Тирел

Испитај ме, господару.

Крал Ричард

Би убил ли ти мој пријател добар?

Тирел

Би, но побргу два душмана би ви убил.

Крал Ричард

Тоа и барам. Два црни душмана,
црвја што мирот, сонот ми го гризат
се тие што сакам да ги средиш:
Тирел, на копилињата в Кула мислам.

Тирел

Овозможете ми до нив да дојдам
и стравот од нив веќе ќе го нема.

Крал Ричард

Слатко ми пееш. Дојди ваму, Тирел:
(Шепоти) Ова е знакот: стани наостри се:
Тоа е сé, речи завршено е
и ќе те сакам и унапредувам.

Тирел

Веднаш тоа ќе го завршам.
(Оди.)
(Се враќа Бакингам.)

Бакингам

Господару, размислив и решив
за барањето што го поставивте.

Крал Ричард

Тоа сега не е важно. Дорсет кај
Ричмонд пребегнал.

Бакингам

Чува господару.

Крал Ричард

Станли, пази, тој е син на жена ти!

Бакингам

Господару, дарот го барам што со
честа и верата ми го ветивте -
грофовијата Хирфорд и имотот
што рековте ќе ми ги дадете.

Крал Ричард

Станли, пази на жена ти: ако
писма од Ричмонд праќа, ти си крив.

Бакингам

Што велите на барањето мое?

Крал Ричард

Се сеќавам, Хенри Шести претскажа
дека Ричмонд крал ќе биде уште
кога Ричмонд палаво дете беше.
Крал! Можеби -

Бакингам

Господару!

Крал Ричард

Како пророкот не ми рече тогаш
дека јас него ќе го убијам?

Бакингам

За грофовијата, господару-

Крал Ричард

Ричмонд! Кога бев во Егзитер, ми
беше покажан замокот што началникот
го нарече Ричмонд. Тогаш се сепнав,
на поетот ирски се сетив што ми
беше рекол дека не ќе живеам долго
штом Ричмонд го видам.

Бакингам

Господару-

Крал Ричард

Да? Колку е часот?

Бакингам

Ве потсетувам на ветувањето.

Крал Ричард

Но, колку е часот?

Бакингам

Ќе отчука десет.

Крал Ричард

Нека отчука.

Бакингам

Зошто да отчука?

Крал Ричард

Бидејќи си запнал молејќи па мислите
ми ги прекинуваш а тој не може
да чукне. Ништо денес не ми се дава.

Бакингам

Ќе ми ја исполните молбата?

Крал Ричард

Ме тревожиш, не сум расположен.
(Си оди.)

Бакингам

Значи така за службата ми враќа.
Со презир. За ова ли крал го сторив.
Но, на Хастингз да се сетам и да ме нема
во Брекнок, пред главата да ми ја снема.
(Си оди.)

Сцена 3

Пред дворецот. Малку подоцна.

(Влеѓува Тирел.)

Тирел

Свирепиот и крвав чин е готов,
најгнасниот чин грозен колеж
што земјава некогаш го сторила.
Дајтон и Форсет што ги најмив
колежов нечовечен да го сторат,
иако подлеци гадни, пци дрчни,
со нежност и сожалба блага
како деца липаа и вака смртта
ми ја опишуваа: "Вака," рече Дајтон
"лежеа тие," "вака, вака" рече Форсет
"гушкајќи се еден со друг во прегратка
невина: четири ружи усните им беа
во летна лицба што се љубеа.
Молитвеник на зглавјето нивно што
скоро "рече Форсет" нé поколеба;
но проклетството "- тука гадот сопре
а Дајтон рече:"Најубавиот дар на
природата го задавивме што од
искона наваму бил создаден."
И заминаа, со тешка совест,
без збор. Ги оставив за веста
на кралот крвав да му ја донесам.
Но, еве го.
Влеѓува крал Ричард.)
Здрав да сте господару.

Крал Ричард

Тирел, ќе бидам среќен од вестите?

Тирел

Ако извршувањето на она што
го наредивте среќа ви носи, тогаш
бидете среќен, сé е извршено.

Крал Ричард

Ги виде мртви?

Тирел

Да, господару.

Крал Ричард

И закопани, Тирелу добар?

Тирел

Капелникот од Кулата ги закопа
но каде, да бидам искрен, не знам.

Крал Ричард

Дојди кај мене, Тирел, по вечера
да ми прикажуваш како умреа
и смисли какво добро да ти сторам.
Дотогаш збогум!

Тирел

Понизно ве напуштам.
(*Заминува,)*

Крал Ричард

Синот на Кларенс го затворив добро,
за долен човек ќерка му ја мажив
синовите на Едвард на небо ги пратив
а Ана, жена ми, на светот
добра ноќ му рече. Сега, бидејќи
Бретонецот Ричмонд со внука ми,
младата Елизабета сака да се жени
и така круната да ја згради, одам
кај неа да ја побарам за жена.
Влеѓува Ратклиф.)

Ратклиф

Господару!

Крал Ричард

За арно или за лошо вака бувнуваш?

Ратлиф

За лошо, гоподару. Мортон кај Ричмонд

пребегнал; Бакингам со Велшаните
се кренал; и други му пријдуваат.

Крал Ричард

Ели и Ричмонд повеќе ме плашат.
Со Бакингам лесно ќе се справам.
Напред! Плашливото договарање
на тапиот доцнеж најстар е слуга
а секој доцнеж во просјаштво води:
пламените походи нека ми се крила
а Меркур гласник на кралската сила;
труби, труби! Штитов мој е совет;
напред! Издајник се перчи на бојното поле!
(Заминуваат.)

Сцена 4

Пред дворецот.

(Влегува старата кралица Маргарита.)

Маргарита

Среќата сега почнува да зрее
и гнила паѓа во челуста на смртта.
Од скришни пределu до сега демнев
пропаста на душманите ја гледав.
Сведочев јас на страшниот вовед
а сега во Франција одам. И крајот
црн, горчлив и трагичен ќе биде.
Но, скриј се црна Маргарито. Некој иде.
Влегуваат кралицата Елизабета и војвотката од Јорк.)

Елизабета

Ах, принцови мои, дечиња нежни!
Цвеќа нерасцутени, пупки недопупени!
Ако душите нежни сé уште
ви пловат и скраја се од вечноста,
со крила леки над мене лебдете
и тажачката мајкина чујте ја!

Маргарита

Лебдете, лебдете! Вратка правична
утрото детско со ноќ ви го стемна.

Војвотката

Зло многуглаво гласот ми го зеде
и јазикот уморен нем е и тивок.
Едвард Плантагенет, зошто си мртов?

Маргарита

Плантагенет за Плантагенет, Едвард
за Едвард долгот смртен го плаќа.

Елизабета

О. боже, зарем такви бајчиња фрли
во ждрелото на волкот? Зарем и другпат
со спиел кога слично се правело?

Маргарита

Хари кога умре и син ми сладок.

Војвотката

Животу мртов, виделце слепо,
смртен духу жив, слико клета, сраму
светски, залогу смртен од животот
зграбен, помену штур, на дните мрачни,
скроти го нескротот, ти над Англија
од крв невина што е пијана!
(Седнува.)

Елизабета

Ах, кога бргу гроб би ми отворила
ко седиште тажно што ти ми даваш,
место над земја, под неа би одмарала!
Ах, има ли друг причина да жали?
(Седнува крај нејзе.)

Маргарита

(Истапува.) Ако старата тага е најсвета,
предност во болката дајте ми мене
од тажачкава сите да се стресат.
(Седнува до нив.) Ако друштво признава тагата,
преку мојата за вашите редете:
Едвард го имав, Ричард го уби,
Хари го имав, Ричард го уби,
Ти Едвард го имаше, Ричард го уби,
Ричард го имаше, Ричард го уби.

Војвотката

И јас Ричард имав, ти го уби
и Рутланд го имав, ти помгна да го убијат.

Маргарита

Ти Кларенс го имаше, Ричард го уби,
пес адски од утроба ти исползи
што сите до гробот ќе нé гони.
Тоа куче што заби пред очите доби,
јагниња да кине, крв да им лока,
тој изрод грд од божјите дела,
тој големотиран на земјата
што над реки солзи и тага
тирани - од утроба ти слезе да нé сотре.
О, господе, правичен и моќен,
како да ти благодарам што песов
стрвен и сојот го крвави мајкин,
и друшка во болот наш ја прави.

Војвотката

О, Маргарито, не сити се ти во болот
јас твојот чесно го оплакав.

Маргарита

Сфати ме, за одмазда сум гладна
но гледајќи ја сега ми се гади.
Едвард ти е мртов што мојот Едвард
го уби. И другиот исто па сме рамни.
Младиот Јпрк е ништо оти обата
достојни не се за губитокот мој.
Кларенс е мртов што Едвард го уби
и гледачите на чинот грозен: подмолниот
Хастингс, Риверс, Вон, Греј;
што без време ги снема во гробот темен.
Само Ричард е жив, тој црн слуга на адот,
што е чуван да купува души
и таму да ги праќа. Но, гледам, гледам
жално крајот жален му ближи:
земјата се отвора, адот пламти,
ѓаволи вриштат, светците се молат,
ненадејно од светов да го снема:
скуси му го животот, боже, ти што земаш,
за уште на живот да речам "Го снема песот."

Елизабета

Ти претскажа дека ќе дојде време
кога ќе те барам да го колнеме
тој пајак бабрав, тој зол, грбав жабјак.

Маргарита

Те нарекov тогаш привид на среќата
сенка сирота, кралица лажна
ехо глуво на она што сум била,
ласкав вовед во ужасна фарса,
душа крената па урната ниско,
мајка измамена за две лични чеда,
сон на она што си била, бајрактар

изложен на смртоносен пукот;
траг од достоинство, здив, меур,
кралица за мајтап, за впечаток само.
Кај ти е мажот? Браќата кај ти се?
Синовите два? На што се радуваш?
Кој вели уште "Да живее кралицата?"
Велможите кај се што ти ласкаа?
И свитата бројна што те пратеше?
Отфрли сé и види што си сега:
од жена среќна, вдовица црна,
од мајка бодра, тажалка на векот,
од кралица, бришка венчана со грижи,
место да те молат, ти сега молиш,
место да ме презираш, те презирам јас,
место да ти се плашат, ти се плашиш,
наредувај колку сакаш, не те слуша никој.
Така тeкот на правдата се сврте
и жртва на времето те стори,
со мисла само на она што си била
со она што си повеќе да се мачиш.
Местото мое ти ми го зеде
а со тоа и дел од тагата моја.
Вратот твој во јаремот е впрегнат
од кој сега уморна се тргам
товарот цел препуштајќи ти го тебе.
Збогум кралице, тага што те свеа,
на злата англиски во Франција ќе се смеам.

Елизабета

Ти што на колнење си вешта,
учиме како душманите да ги колнам.

Маргарита

Ноќе бдеј, дење пости:
мртвата среќа со живо зло споредувај ја;
децата мисли си ги послатки
од што биле; убиецот погаден
одошто е; болот зголемен
злочинецот полош: правејќи вака
ќе научиш да колнеш.

Елизабета

Зборот ми е питом, здиви го со твојот!

Маргарита

Болката твоја сама ќе го здиви!
(Заминува.)

Војвотката

Зошто несреќата зборови е полна?

Елизабета

Празни застапници на земниве маки,
наследници на безнаследната радост,
беседници бедни на несреќите!
Дојдете! Иако не сте вистинска помош
барем болката ја олеснувате!

Војвотката

Тогаш говори, со мене дојди,
со здив од зборови жолчни
син ми проклет да го загушиме
децата што ти ги уби.
Трубите трубат: викај да викаме.
(Влегува крал Ричард со војската што маршира. Труби и барабани.)

Крал Ричард

Кој ми пречи во походов?

Војвотката

Таа што можеше да те спречи,
давејќи те уште во утробата своја,
од колежите, песу, што ги стори!

Елизабета

Челото ли го криеш со круната златна,
што жиг заслужува за смртта на принцот
и крајот грозен на браќа ми, на синот?
Кажи, робу, кај ми се децата?

Војвотката

Крекачу, sверу, кај е брат ти Кларенс?
И малиот Нед Плантагенет, син му?

Елизабета

Каj се добрите Риверс, Вон и Грej?

Војвотката

Каj е љубезниот Хастингз?

Крал Ричард

Трубете труби!Барабани сложно!
Небото пљампачките да не ги чуе
богомиросаниот каj го клеветат,
Удрете, реков!
(*Труби, барабани)*
Или мирно, без вик, говорете,
или со силни, борбени звуци
викот силен ќе ви го загушам.

Војвотката

Дали си ми син?

Крал Ричард

Да. Од бога,татко ми и тебе.

Војвотката

Стрпливо тогаш, нестрплива чуj ме.

Крал Ричард

Велам, има нешто твое во мене.
што глас на прекор не поднесува.

Војвотката

Пушти ме да говорам.

Крал Ричард

Добро но,нема да слушам.

Војвотката

Блага и нежна на збор ќе бидам.

Крал Ричард

И кратка, добра мајко, оти брзам.

Војвотката

Брзаш? А бог знае колку сум те
чекала во патила и маки.

Крал Ричард

Зар на крај не ти дојдов ко утеха?

Војвотката

Не, жими крстов, ти добро знаеш,
на свет дојде, од светот ад ми створи,
тежок терет раѓањето ми беше,
своеглаво,мачно детството твое.
дните школски, очајни, страшни, бесни;
момчештвото дрско, опасно, смело,
дните зрели возгорди, крвави, срамни,
или подобро: во омраза љубезни.
Можеш ли час да кажеш бар еден
во кој пријатно со тебе ми било?

Крал Ричард

Ниеден, сем часот кога ме роди
и така од мене се ослободи.
Но, ако немил сум ти пред очи,
ќе одам, да не те навредувам.
Удрете барабани!

Војвотката

Те молам, сослушај ме.

Крал Ричард

Слухот жолчно ми го параш.

Војвотката

Тогаш само
збор оти последен пат ти зборувам.

Крал Ричард

Добро.

Војвотката

Или по божја правда ќе загинеш
поразен во војнава што претстои
или од јад и дртост јас ќе умрам
ликот повеќе да не ти го видам.
Затоа клетвава тешка понеси ја.
што во бојот повеќе ќе ти тежи
од сето оружје што го носиш!
Молитвиве за други ќе се борат.
Душичките од децата на Едвард
духот на душманите ќе го бодрат
и успех и победа ќе им ветат.
Крвав си, крвав крај ти иде,
ко животот и смртта срамна ќе ти биде.
(*Заминува)*

Елизабета

Причини посилни но дух послаб
за колнење имам. "Амин," само ќе речам.

Крал Ричард

Чекај, нешто морам да ти кажам.
(Ја тргa на страна.)

Елизабета

Повеќе немам синови кралски
за да ги убиеш: а ќерките, Ричард,
калуѓерки што се молат, а не
кралици што тажат, ќе ми бидат.
Не посегнувај по животот нивни.

Крал Ричард

Ти имаш ќерка Елизабета,
доблесна, кралска, милозлива, лична.

Елизабета

Зарем затоа да умре? Остави ја
во животот сама ќе ја снижам, убавината
ќе и ја осквернам, за неверство кон Едвард
самата ќе се обвинам, резил ќе ја сторам:
за да остане незаклана како sверка
ќе речам дека не беше ќерка на Едвард.

Крал Ричард

Не греши, таа е од кралска лоза.

Елизабета

За да ја спасам ќе речам дека не е.

Крал Ричард

Најбезбедна е во лозата кралска.

Елизабета

Во таква безбедност браќа ѝ умреа.

Крал Ричард

Ним Sвездите не им беа наклонети.

Елизабета

Пријателите лоши, јас би рекла.

Крал Ричард

Никој од судбината не побегнал.

Елизабета

Да, кога судбината ѓаволот ја кова.
Подобра смрт ќе имаа децата
ако подобар ти се родеше.

Крал Ричард

Зарем мислиш јас внуците си ги убив?

Елизабета

Внуците што стрико им ги лиши
од богатство, кралство, род, слобода, живот.
Тој што срцата нежни им ги сопре
нему скришно, ти нескришен смер му даде:
ножот убиствен тап што беше

острина доби од каменото ти срце
со јагнињата мои да се гости.
Но, болот див тага вечна го кроти
па децата овде ги споменувам
за со нокти очите да не ти ги копам,
па сама, во заливот очаен на смртта
ко кораб без катарка и едра
од градите твои камени да се разбијам.

Ричард

Натема го походов да ми биде
и бојот крвав, ако тебе и на
твоите повеќе добро не ви мислев
одошто злото што ви го сторив!

Елизабета

Има ли небото уште добро што
откриено, за мене би било?

Ричард

Воздигот на децата ваши, лејди.

Елизабета

До изгиниште, глави да им летнат?

Ричард

До достоинство и врвна среќа,
кралскиот вид на овоземска слава.

Елизабета

Зборувај, на тагата ласкај ми;
кажи, какво место, што достоинство,
каква чест на мое дете би му дал?

Ричард

Сé што имам: да, и себе си, и сé
би дал на едно дете твое, ако
во Лета од душата ти гневна
тажниот спомен го удавиш на
делата што мислиш сум ти ги сторил.

Елизабета

Биди краток! Љубезноста вистинска
од таа на збор ти е пократка.

Ричард

Тогаш знај, ќерка ти многу ја љубам.

Елизабета

Мајка ѝ на ќерка ми верува многу.

Ричард

Што мислиш?

Елизабета

Оти многу ќерка ми ја љубиш:
ги љубеше и браќа ѝ многу
и многу за тоа ти благодарам.

Ричард

Не брзај зборот да го изопачиш:
велам, ќерка ти многу ја љубам и
кралица англиска ќе ја направам.

Елизабета

А кој ќе ѝ биде крал?

Ричард

Тој што
кралица ќе ја направи. А, кој друг?

Елизабета

Зарем ти?

Ричард

Да. Што мислиш за ова?

Елизабета

Како ќе ја испросиш?

Ричард

Ти ќе ме научиш. Ти најдобро ја знаеш.

Елизабета

Од мене би учел?

Ричард

Од срце.

Елизабета

Прати ѝ
по човекот браќа ѝ што ги уби
две крвави срца: на нив врежи
“Едвард” и “Јорк”; ќе заплаче, тврда,:
Тогаш подари ѝ ко Маргарита еднаш
на татко ти, со крвта на Рутланд,
шамивче; што, речи го впил сокот
темноцрвен од телото на братот нејзин
за со него да си избрише очи.
Ако ова не ја исполни со љубов
пиши ѝ за славните твои дела:
речи, стрико ѝ Кларенс ти го сотре
и вујко ѝ Риверс; а заради нејзе,
и стрина ѝ Ана брзо ја збриша.

Ричард

Се подбиваш, госпоѓо, не е ова
начин ќерка ти да ја добијам.

Елизабета

Друг начин нема; освен ако во друга
влезеш кожа па да не си Ричард
којшто делава овие ги стори.

Ричард

Кажи ѝ за љубовта нејзина ги сторив.

Елизабета

Тогаш ќе те мрази што со гадни
колежи љубовта си ѝ ја купил.

Ричард

Стореното еднаш не се поправа сега:
човек понекогаш знае да згреши
а потоа веднаш каење го чека.
Ако од син ти кралството го зедов
за покај, на ќерка ти ќе го дадам.
Ако децата твои ги убив
за да ти се множи родот, од крвта твоја
рожба моја со ќерка ти ќе зачнам;
бабата сакана е речиси исто
ко мајката што е од децата свои;
внуците се деца пониски за степен
слични се на тебе, баш од крвта твоја;
исто болат, ко болот при раѓање
што и ти за нејзе еднаш го сети.
Децата несоница на младост ти беа
внуците, на старост, утеха ќе ти бидат,
губиш само тоа што син ти не е крал,
но затоа ќерка кралица ќе имаш.
Не можам да ти го дадам она што не можам
затоа прифати го она што можам.
Дорсет, син ти што со тегобна душа
по туѓини лунsа, со бракот ваков
би се вратил брзо, достоинство
големо и разни почести да прими.
Кралот што ќерка ти жена ќе ја вика
и Дорсет, соодветно брат ќе го вика.
И пак кралица, мајка ќе бидеш
и сите беди од времето страшно
со двојна среќа ќе ги надополниш.
За нас уште добри денови има.
Солзите дробни што ги пролеа болно
ко бисери од Исток ќе ти се вратат,
враќајќи ти го со интерес долгот
од триж толку радости и среќа.
Оди мајко, кај ќерка ти оди,
со искуство охрабри ја нејзината младост;
подготви ја да го чуе тој што ќе ја сака;
во срцето нежно пламен вдахни ѝ
од власта златна; запознај ја нејзе
со сладоста ноќна на брачниот спокој;
и веднаш штом ракава моја го казни
бунтовникот долен, шутот Бакингам,
со венци победоносни јас ќе дојдам
кај победникот да ја одведам твојата ќерка
а таа, за победата слушајќи
ќе ми биде победничка: Цезарев Цезар.

Елизабета

Како да речам? Братот на татко ѝ
маж ќе ѝ биде? Или стрико ѝ? Или
тој што браќата, вујковците ѝ ги уби?
Под кое име за тебе да ја барам
за прифатлив да бидеш пред Бога,
пред честа моја, чубовта нејзина, пред
светот?

Ричард

Речи ѝ
мирот на Англија од ова зависи.

Елизабета

Што со вечна војна ќе го купи.

Ричард

Речи ѝ кралот што наредува моли.

Елизабета

За она што кралот над кралевите брани.

Ричард

Речи ѝ моќна кралица ќе биде.

Елизабета

За потоа да жали ко мајка ѝ.

Ричард

Речи ѝ вечно ќе ја љубам.

Елизабета

А колку тоа вечно ќе трае?

Ричард

До крајот на животот нејзин убав.

Елизабета

А колку таквиот живот ќе ѝ трае?

Ричард

Бог и природата колку што ќе дадат.

Елизабета

Ричард и адот колку што ќе дадат.

Ричард

Речи ѝ господарот слуга е нејзин.

Елизабета

Но таа, твој слуга, власт таква мрази.

Ричард

Не штеди зборови да ме фалиш.

Елизабета

Чесната приказна е најдобра
ако едноставно се каже.

Ричард

Тогаш,
едноставно кажи за љубовта моја.

Елизабета

Едноставно а нечесно, лошо звучи.

Ричард

Плитки, пребрзи ти се причините.

Елизабета

Длабоки, мртви ми се причините.
В гроб мртви децата ми се кутри.

Ричард

Не струни таму, минато е тоа.

Елизабета

Ќе струнам, дури да иструнат сите струни
в срце.

Ричард

Се колнам во свети Ѓорѓи, жезлото, круната

Елизабета

Обесветен, обесчестено, грабната.

Ричард

Се колнам

Елизабета

Во ништо. Ова не е заклетва.
Ѓорѓи ти е обесветен, чест нема;
жезлото исто, без витешка е доблест,
круната, кралската слава ја нема
ако се колнеш, а да ти поверувам
колни се во нешто во кое не си се огрешил.

Ричард

Тогаш во себе.

Елизабета

Сиот си грешен.

Ричард

Во светот.

Елизабета

Со твои недела е полн.

Ричард

Смртта на татко ми -

Елизабета

Со животот свој ти ја обесчести.

Ричард

Тогаш во господ.

Елизабета

Нему најмногу му згреши.
Да имаше страв од него, немаше
заклетвата-мирот што кралот, маж ми
го склучи - да ја згазиш. И браќа ми
ќе беа живи. Страв да имаше од него,
круната кралска што ја носиш,
сега син ми ќе го красеше
и двата принца ќе дишеа овде
но, сега сплотени во правот, верата
твоја лажна, плен за црвјата
ги направи. Во што сега ќе се колнеш?

Ричард

Во иднината.

Елизабета

Со минатото ти ја оцрна;
зашто јас уште солзи ќе леам
за минатото што ти го зави во црно.
Чиви се децата, татковците што им ги закла,
чеда кревки што до века ќе жалат;
живи се родителите, децата што им ги закла
расје голо што и во вечноста ќе пека.
Не колни се во иднината; оти во неа
црнини без време, од минатото црно
со времето ги слеа.

Ричард

Напредилок да немам, покајание да немам,
нити успех во битките тешки
со душманот! Сам да се победам!
Небото, среќата, грб да ми свртат!
Дење видело да немам, ноќе спокој!
Доброведна среќа во животот да немам!
Ако со срцево сето, божествено и свето
ќерка ти убава, кралска не ја засакав!

Среќите наши во неа лежат;
без неа мене, тебе, земјава, неа,
и многу други рисјански души - смрт
пустош, палеж и пропаст нé чека.
Само вака може да се избегне
само вака ќе се избегне. Затоа
мајко, вака мора да те викам,
љубовта моја во неа внеси ја,
кажи што ќе бидам, а не што сум бил,
не што заслужив туку што ќе заслужам,
кажи ѝ за нуждата на ова време
во потфатов голем немај детско бреме.

Елизабета

Зарем ѓаволот мене да ме води?

Ричард

Да, штом ѓаволот кон добро те води.

Елизабета

Зарем сама себеси да се заборавам?

Ричард

Да, штом поменот твој тебе ти пречи.

Елизабета

Сепак ти децата ми ги уби.

Ричард

Но во ќерка ти јас ги закопав
за во гнездото слатко пак да се родат
нови и живи и тебе да те тешат.

Елизабета

Зарем ќерка ми за тебе да ја барам?

Ричард

И среќна мајка со тоа стани.

Елизабета

Одам, јави ми се скоро.
Што мисли таа од мене ќе дознаеш.

Ричард

Носи ѝ бакнеж од мене.
(Ја бакнува.) И збогум.
(Таа заминува.)
Шутко лесна! Плитка, превртлива жено!
Влегуваат Ратлиф и Кејтзби.)
Што има ново?

Ратклиф

Моќен мој кралу, бродови моќни
крај западниот брег пловат, а на брегот
се собираат мноштво шупливци
без оружје, неволни за борба;
се говори Ричмонд им е водач;
таму се влечат, очекуваат помош
од Бакингам.

Ричард

Некој брзоног гласник
кај војводата Норфолк нека појде.
Ти Ратклиф или Кејтзби. Каде е тој?

Кејтзби

Овде господару.

Ричард

Кејтзби, кај војводата летај.

Кејтзби

Да, господару, најбргу што можам.

Ричард

Раткилф, ти во Солзбери оди;
кога ќе стигнеш - *(На Кејтзби)* гаду глупав,
што стоиш ко труп? Марш кај војводата!

Кејтзби

Првин, господару, кажете ми
што да му пренесам на војводата.

Ричард

О, навистина, добар Кејтзби, кажи
му веднаш најсилна што може војска
да собере и во Солзбери да дојде.

Кејтзби

Летам!

Ратклиф

А јас господару? Во Солзбери?

Ричард

Што бараш ти таму пред јас да дојдам?

Ратклиф

Вашето величество така ми нареди.

Ричард

Се предомислив.
(Влегува Станли.)
Каква вест носиш Станли?

Станли

Ни добра кога ќе ви ја кажам
ни лоша за да ја премолчам.

Ричард

Опаа, гатанка! Ни добра ни лоша!
Што туку кружиш ко прдеж в гаќи
а можеш веднаш преку рупа да стигнеш?
Што е веста?

Станли

Ричмонд е на море.

Ричард

Море да го голтне, на дно да потони!
Скитник ниеден, што бара таму?

Станли

Не знам, господару, но имам чувство.

Ричард

Какво чувство?

Станли

Поттикнат од Дорсет, Бакингам и Мортон
кон Англија тргнал на престолот да седне.

Ричард

Зарем тронот е празен? Мечот ничкум?
Кралот Мртов? Кралството без газда?
Кој наследник на Јорк е жив освен мене?
Зарем крал моќен не е наследник на Јорк?
Значи, кажи ми што бара на море?

Станли

Ако не е тоа, тогаш појма немам.

Ричард

Ако не доаѓа крал да ти стане
тогаш појма немаш што бара Велшанинот.
Море ти нему прв ќе му пријдеш.

Станли

Не, господару, такво нешто не ми паѓа на
памет.

Ричард

Тогаш кај ти е војската да го сотре?
Селаните, следбениците, кажи, кај ти се?
Зарем не се сега на западниот брег
помагајќи им на бунтовниците?

Станли

Не, господару, сите се на север.

Ричард

Ама војска! Што бара на север
кога на кралот му треба на запад?

Станли

Чекаат наредба, кралу моќен:
ако ми дозволите ќе ги соберам веднаш
пријателите и ќе појдам таму
кајшто ќе ми заповедате.

Ричард

Да,да. Па на Ричмонд да му пријдеш.
Не ти верувам.

Станли

Господару моќен, причина за сомнеж нема;
нити сум бил нити ќе бидам неверен.

Ричард

Оди тогаш. Луѓето собери ги; но
остави го син ти Џорџ Станли.
Ако згрешиш главата ќе му летне.

Станли

Постапете со него колку што верен
кон вас ќе се покажам.
(Заминува.)
(Влегува гласник.)

Гласникот

Господару, во Девоншир, од добро
известени пријатели чув дека
сер Едвард Кортни и прелатот возгорд,
епископот Екситер, брат му постар
со други, на оружје станале.
(Влегува друг гласник.)

Гласникот 2

Во Кент господару, Гилдфордови
се под оружје и со секој час
силата бунтовничка им расте.
(Влегува трет гласник.)

Гласникот 3

Господару, војската на Бакингам -

Ричард

Марш сојки, само за смрт ми пеете!
(Му удира шлаканица.)
Ова ти е награда за веста.

Гласникот 3

На вашето величество вест му носам
дека од поплави и надојдени води
се растури војската на Бакингам
а тој самиот исчезна без трага.

Ричард

Тогаш прости. Еве ти го Ќесето
ударот примен да ти го исцели.
Објавена ли е награда за оној
што предавникот ќе го приведе?

Гласникот 3

Да, господару.
(Влегува четврт гласник.)

Гласникот 4

Сер Томас Лавел и маркизот Дорсет
во Јоркшир се под оружје. Но,
за утеха, господару, вест носам
дека бура ја растури флотата
Бретонска. Ричмонд, во Дорсетшир чамец
пратил да ги праша тие на брегот
на чија страна ќе бидат. Му рекле
дека од Бакингам идат да му се придружат
но тој не верувал па кренал едра
назад за Бретања.

Ричард

Напред, напред! Кога сме под оружје веќе
а душманот туѓински го нема
бунтовниците дома да ги смачкаме.
(Се враќа Кејтзби.)

Кејтзби

Господару, Бакингам е фатен; веста
е добра но секако е лоша таа
дека грофот Ричмонд со моќни сили
кај Милфорд стигнал. Но морав да ја кажам.

Ричард

Напред кон Солзбери. Дури умуваме
може да се загуби битката кралска.
Бакингам во Солзбери нека
го доведат. Следете ме сега!
(Труби. Заминуваат.)

Сцена 5

Во куќата на лорд Станли.

(Лорд Станли и сер Кристофер Урсвик, свештеник.)

Станли

Сер Кристофер, вака кажи му на Ричмонд:
во торот на најкрвожедниот вепар
син ми Џорџ Станли, заложник остана.
Ако се побунам главата му лета.
Затоа, сега, помош од мене ќе нема.
Оди, него од мене поздрави го.
Кажи, Кралицата радо се сложи,
со ќерка ѝ Елизабета, тој да
се жени. Но каде е сега Ричмонд?

Кристофер

Во Пембрук, Хартфордвест или Велс.

Станли

Кои велможи се со него?

Кристофер

Сер Волтер Херберт, познат воин,
сер Гиберт Толбот, сер Вилјам Станли,
Оксфорд, моќниот Пембрук, сер Џејмз
и Рајс Томас, со дружина храбра,
и многу другио со углед и важност.
Кон Лондон тргнаа со војските,
ако по пат до бојот не дојде.

Станли

Добро, сега бргу кај господарот;
јас рака му целивам. Од писмото
ќе разбере што мислам. Збогум.
(Заминуваат.)

Чин ПЕТТИ

Сцена 1

Солзбери. На отворено.

(Доаѓа Шерифот и Стражата, водејќи го Бакингам на губилиште.)

Бакингам

Зарем кралот Ричард не сака со мене да зборува?

Шерифот

Не, лорду. Затоа стрпете се.

Бакингам

Хастингз. деца Едвардови, Грај, Риверс,
кралу свет Хенри, син ти личен, Едвард,
Вон. и сите вие што ве сотре
подлата, зла, дволична неправда,
ако душите ваши црночемерни
низ облаци сега ме гледаат
за одмазда, на смртта смејте ми се!
Другар, задушница е денес, нели?

Шерифот

Да, лорду.

Бакингам

Задушница е за мене суден ден.
Дека така се заветив уште за
Едвард ако згрешам кон децата
и сојузниците на жена му;
на овој ден посакав да паднам прелаган
од оној кому слепо му верував;
да, денес е денот кога душава
гревовите мора да ги плати:
сéгледникот вишен, подло што му пријдов,
молитвата лажна врз мене ја урна
и ми даде тоа што на шака го молев.
Врвот од мечот на лошите луѓе
бог го врати во нивните гради:
сега и клетвите на Маргарите
ме стигна: “Кога тој” рече таа,
со тага на срце ќе ти распара,
сети се на пророкот Маргарите”.
Ајде, водете ме на кладата срамна,
злото зло, вината со вина е рамна.
(Заминуваат.)

Сцена 2

Логор близу Томворт.

(Влегуваат Ричмонд, Оксфорд, Блант, Херберт и други со знамиња и барабани)

Ричмонд

Другари бојни, пријатели мои,
што под јаремот тирански стенкате,
длабоко во земјата навлеговме
дека во маршот пречка немавме;
Еве и очувот Станли ми пиша
редови надежни, охрабруважки.
Клетиот, крвав, насилен вепар
што ниви ви граби и лози плодни,
ко помија крвта што ви ја лока
и в гради ви бразди - тој крмак подол
во центарот е сега на островов,
близу Лестер, на ден марш од Томворт.
Со господ, бодро напред пријатели,
жетва да ожниеме на вечен мир
со единствен крвав, свиреп бој.

Оксфорд

Илјада срца во еден воин има
штом со совест против крвникот одат.

Херберт

И неговите знам, нам ќе ни́ придат.

Блант

Пријатели тој нема, само стравот
ги спрежува кај нас да пребегнат.

Ричмонд

Поволно за нас. Знажи со господ напред!
Крила ластовижки гоносат а лот
бог кралеви прави, простаци кралот.
(Заминуваат марширајќи.)

Сцена 3

Босфорското поле.

(Влегува крал Ричард, под оружје, со Норфолк, Грофот од Сари и други.)

Ричард

Овде шаторот поставете го,
баш овде на Босфорското поле.
Лорду сари, што си толку тажен?

Сари

Ликот ми ја крие радоста в срце.

Ричард

Лорду Норфолк.

Норфолк

Да, господару моќен?

Ричард

Норфолк, ќе се биеме нели?

Норфолк

Ќе биеме, Ќе не́ бијат, господару.

Ричард

Брзнете со шаторот. Вежерва
овде ќе лежам. А утре? Не е важно.
Колкав е бројот на предавниците?

Норфолк

Најмногу шест или седум илјади.

Ричард

Ние сме трипати повеќе од нив:
и кралското име Кула е моќна,
што на противникот му недостига.
Брзнете со шаторот! Дојдете
велможи, боиштето да го видам.

И некои војсководци викнете:
дисциплина пред се, враќање нема:
утре, господо, бојот замав зема.
(Заминуваат да го разгледаат бојштето. Војниците
го поставуваат шаторот.)
(*Од другата страна на полето, Ричмонд, сер Вилијам Брендон, Оксфорд и други, Бојници го поставуваат шаторот на Ричмонд.)*

Ричмонд

Сонцето уморно златесто зајде,
а трагот огнен од кочијата
добар ден за утре навестува.
Се Вилијам Брендон, знаменосец си ти,
мастило и хартија ми треба
план да направам за бојот утре,
задачите на војсководеците
да ги одредам, и војската мала
правилно да ја распоредам.
Лорду Оксфорд, сер Вилијам Брндон
и ти, сер Волтер Херберт, останете со мене.
Грофот Пембрук полкот свој го води:
капетане Блант, од мене добра ноќ
посакај му и во два по полноќ
кај мене грофот в шатор нека биде:
и уште нешто, добар капетане,
знаеш ли кај е логорот на Станли?

Блант

Ако боите добро му ги познав
а верувам дека му ги познав,
полкот негов половина е милја
јужно од моќната војската на кралот.

Ричмонд

Ако е можно, Бланте мил, беа ризик,
најди начин со него да зборуваш,
и поракава важна пренеси му ја.

Блант

По цена на животот ќе одам.
А сега, мир добар имајте ноќва!

Ричмонд

Добра ноќ, добар капетане Блант.
А сега за бојот да се соговориме.
Влезете в шатор! Влагата е остра.
(Влегуваат в шатор.)
(Во својот шатор влегува кралот Ричард, Норфолк,
Ратклиф, Кетзби и други.)

Ричард

Колку е часот?

Кејтзби

Време е за вечера, господару.
Девет.

Ричард

Не ми се верува.
Донеси ми мастило и хартија.
Што!? Зарем шлемот не ми тежи ко порано?
В шатор ли ми ми е оружјето?

Кејтзби

Да, господару. Сé е подготвено.

Ричард

Добар мој Норфолк, побрзај на должност;
постави стража, сигурни момци најди.

Норфолк

Одам, господару.

Ричард

Рано стани, благороден Норфолк.

Норфолк

Секако, господару.
(Заминува.)

Ричард

Кајтзби!

Кајтзби

Господару?

Ричард

Гласник наоружен испрати кај
Станли, нека ја доведе војската
пред изгрејсонце дека син му Џорџ
ноќта вечна ќе го голтне. Дај ми
(Кејтзби си оди)
бокал вино. Донесете свеќа.
Белчо за утре оседлајте ми го.
Не стегајте ги многу узенгиите.
Ратклиф!

Ратклиф

Господару!

Ричард

Го виде ли тажниот лорд Нортамберланд?

Ратклиф

Томас, грофот од Сари и тој пред
да се стемни од полк до полк одеа
војниците бодрејќи ги.

Ричард

Задоволен сум. Дајте ми бокал вино!
Ми недостига поранешната
бодрост на духот, ведрост на мислата.
Срави го тука. Донесе хартија
и мастило?

Ратклиф

Да, господару.

Ричард

Нека варди стражата. Остави ме
Ратклиф, околу полноќ дојди да ме
наоружаш. Остави ме велам…
(*Ратклиф заминува; Ричард се повлекува во шаторот.)*
(Влегува Станли во шаторот на Ричмонд. Велможи и други,)

Станли

Среќа, победа на шлем да ти паднат!

Ричмонд

Нека ноќта сета удобност ти ја
даде, благороден очуве! Кажи,
како е нашата сакана мајка?

Станли

Од мајка ти благослов ти носам,
што за доброто твое стално моли.
Толку за ова. Часовите тихи
се искрадуваат, а светлост млака
пробива на исток. На кретко, оти
така часов од нас бара, подготви се
за бојот в зори, а исходот
крвавата борба нека го реши.
Јас колку можам - колку сакам не можам -
времето ќе го мамам и штом можам
ќе ти помогнам во бојот неизвесен.
Отворено сепак кај тебе не смеам,
дека брат ти, нежниот Џорџ, пред очите
на татко му ќе го убијат.
Збогум, нуждата и страшното време
ни́ пречат љубов да си искажеме
вообичаена за пријатели
што долго биле раздвоени. Но,
бог за ова време нека ни́ даде!
Збогум уште еднаш! Биди Храбар, јак!

Ричмонд

Лордови, до полкот отпратете го:
возбуден, сепак ќе пробам да мигнам,
за утре дремка да не ме фати,
кога ќе летнам на крилја победени:
лека ноќ, лордови, велможи добри.
(Си одат: Ричмонд клекнува.)
О, ти чиј војсководец се сметам,

милозлив биди кон војската моја:
тешки топузи гнев в раце стави им,
со силни удари да ги згмечат
шлемовите насилнички на душманите!
Твои слуги на честа направи нѐ,
за во победата да те славиме!
Душава будна тебе те гледа,
пред очиве мои да ги затворам.
На соне, на јаве, о, варди ме ти!
(заспива)
(Меѓу шаторите се јавува духот на принцот Едвард син на Хенри Шести.)

Духот

(На Ричард)
Утре тешко на душа ќе ме носиш
мисли како млад ме прободе кај
Тјуксбери: очајувај и умри!
(На Ричмонд)
Ободри се Ричмонд; понижените
души на принцовите заклани те бодрат:
синот на крал Хенри е на твоја страна.
(Исчезнува.)
(Се појавува духот на Хенри Шести)

Духот

(На Ричард)
Смртен кога бев, кралското тело
ти смртоносно го изболе: на
Кулата сети се: очајувај, умри!
Хари ти вели: очајувај, умри!
(На Ричмонд)
Светио сјајна! Ти победник биди!
Хари што претскажа крал ќе бидеш,
на сон те бодри: живеј, напредувај!
(Исчезнува.)
(Се појавува духот на Кларенс)

Духот

(На Ричард)
Утре тешко на душа ќе ме носиш!
Јас што бев удавен во бочва вино. Кларенс,
на превара што ме сотре.
Утре во бојот сети се на мене,
мечот испушти го, очајувај , умри!

(На Ричмонд)
Ти рожбо на домот Ланкестеров,
наследниците понижени на Јорк
те бодрат: напред; живеј, напредувај!
(Исчезнува)
(Се појавуваат духовите на Риверс, Греј и Вон.)

Духот на Риверс

(На Ричард)
Утре тешко на душа ќе ме носиш,
мене Риверс што умре во Помфрет!
Очајувај, умри!

Духот на Греј

(На Ричард)
На Греј сети се и очајувај!

Духот на Вон

(На Ричард)
На Вон сети се, во страв грешен
мечот испушти го, очајувај, умри!

Сите

(На Ричмонд)
Разбуди се, гревот кон нас Ричард ќе
го победи. Стани, победата е твоја!
(Исчезнуваат.)
(Се појавува духот на Хастингз.)

Духот

(На Ричард)
Крвнику грешен, во крв разбуди се
и во бој крвав дните заврши ги!
На Хастингз сети се: очајувај, умри!
(На Ричмонд)
Душо спокојна, разбуди се, стани!
Бори се победи, ти Англија ја браниш!
(Исчезнува.)
(Се појавуваат духовите на двата млади принца.)

Духовите

(На Ричард)
Сони ги внуците в Кула задавени:
олово ти сме на душа, Ричард, и
те влечеме во пропаст, срам и смрт!
Внуците ти велат: очајувај, умри!
(На Ричмонд)
Спиј, Ричмонд, спиј мирно, со радост стани;
ангели од вепарот нека те штитат.
Живеј, среќни кралеви изроди!
Синовите несреќни на Едвард
ти велам: напредувај!
(Исчезнуваат.)
(Се појавува духот на Ана, жената на Ричард.)

Духот

(На Ричард)
Ричард, жена ти, Ана, жена ти,
што час мирен со тебе не проспа,
сега сонот со немир ти го полне:
утре во бојот на мене сети се
мечот испушти го: очајувај, умри!
(На Ричмонд)
Душо мирна, мирен сон имај,
за победа среќна, за успех сони,
жената на Ричард за тебе моли.
(Исчезнува.)
(Се појавува духот на Бакингам.)

Духот

(На Ричард.)
Јас прв ти помогнав крал да станеш
последен тиранството ти го сетив:
во бојот на Бакингам сети се,
и во маки најтешки умри! Сега
крвавите дела сонот ти го рушат
плаши се и во очај испушти душа!
На Ричмонд.)
Умрев зашто прерано на помош ти идев:
но ободри се, собери храброст,
ангелите добри со тебе се сега
Ричард ќе падне, возгордоста му бега.
(Исчезнува.)
(Кралот Ричард се буди од сон.)

Ричард

Друг коњ дајте ми, рани лечете ми!
Милост Исусе! Тивко, сонувам.
О совест кукавична, колку ме мачиш!
Светлото е сино. Полноќ е црна.
Ладни трпки по тело ми лазат.
Од што се плашам? Од себе?
Друг нема. Ричард го сака Ричард.
Да. Јас сум јас. Има убиец овде?
Не - да. Има. Јас. Бегај! Од кого,
од себе? Знам зошто не се одмаздувам,
зарем самиот на себе? Не, се сакам.
За кое било добро што самиот
на себе сум го направил? Не! Се мразам.
За делата грозни што ги сторив?
Подлецу: сепак лажам. Не сум. Не биди
глуп.
Добро зборувај за себе. Глупак! Немој
да си ласкаш. Совеста илјада јазици
има. И секој јазик приказна кажува
и секоја приказна вели дека сум подлец.
Кривоклетство, кривоклетство најлошо;
убиство, убиство најстрашно; сите
гревови сторени со ред, во сурија
на суд се дерат:"Виновен е, виновен!"
Очаен сум. Никој жив не ме сака;
ако умрам никој жив не ќе ме жали:
а зошто? Штом и самиот, во себе,
милост за себе не наоѓам? Чинам
душите на сите што ги убив ми дојдоа
в шатор со закана дека одмаздата утре
врз главата на Ричард ќе падне.
(*Ратклиф доаѓа до Шаторот.)*

Ратклиф

Господару!

Ричард

Кој е таму?

Ратклиф

Јас господару. Првите петли
двапати утрото го поздравија;
сите се на нога! Оклопи местат!

Ричард

Ратклиф, страшен сон сонив!
Што мислиш, ќе останат верни пријателите?

Ратклиф

Без сомнение, господару.

Ричард

Се плашам, се плашам, Ратклиф.

Ратклиф

Не плашете се од сенки, господару.

Ричард

Сенките ноќеска повеќе в душа
ми втераа страв одошто десетте илјади
војници
водени од пликоумниот Ричмонд.
Уште не разденило. Дојди со мене;
меѓу шаторите да наслушнам сакам
дали некој мисли да ме напушти.
(Одат.)
(Доаѓаат лордовите кај Ричмонд којшто седи во својот шатор.)

Лордовите

Добро утро, Ричмонд!

Ричмонд

Простете велможи, лордови будни,
што мрзлив спанко најдовте овде.

Лордовите

Како спиевте лорду?

Ричмонд

Најслатко заспав и сон прекрасен
во главата поспана ми дојде
штом вие заминавте. Чинам,
душите чии тела Ричард ги уби
в шатор ми дојдоа и победа ми
претскажаа: душава ми се весели
на сонов штом се сетам. Колку
одминал денот?

Лордовите

Ќе отчука четири.

Ричмонд

Време е да се наоружаме
и наредби да се издадат.
(На војниците што се собираат околу неговиот шатор)
Земјаци мили! Повеќе од ова
што го реков, часов сегашен
не дозволува. Сепак запомнете,
Бог и правдата се на наша страна:
молитвите на светците и душите
унижени, ко висококренати штитови
пред нас стојат па дури и тие
против кои се бориме, освен Ричард,
победа ни присакуваат. Оти кој е Ричард?
Ве уверувам, човекоубиец и крвав тиран,
во крв зачнат и во крв загазен
којшто дојде до она што е со сплетки
помагачите свои убивајќи ги:
камен гнасен што скапоцен стана
преку тронот англиски, на кој сега
бесправно седи. Човек што секогаш
богохулник бил. Ако против него
се борите, Бог ко воини свои ќе ве варди.
Ако се трудите тиранот да падне
мирно ќе спиете штом него го снема:
ако против душманот се борите
на вашата земја, земјата ваша
за трудот штедро ќе ви плати;
ако за жените војувате ваши
како победници ќе ве дочекаат тие.
Ако децата си ги спасите од мечот
внуците ваши на старост ќе ви вратат.
Во божјо име и по сите права
кренете знамиња, мечови остри.
За обидов дрзок нека ми е казна
ладното тело на земјата мразна.
Но ако успеам, од добивката што се прима
секој од вас свој дел ќе си има.
Труби! Удрете барабани бодра следа,

Бог и свети Ѓорѓи, Ричмонд и победа!
(Заминуваат марширајќи.)
(Се враќа крал Ричард со Ратклиф.)

Ричард

Што рече Нортамберланд за Ричмонд?

Ратклиф

Дека на оружје е неопитен.

Ричард

Вистината ја кажал. А Сари?

Ратклиф

Се насмеа и рече: подобро за нас.

Ричард

Имаше право а така и е.
(Часовникот отчукува.)
Види колку е. Календар дај ми.
Кој го виде сонцето денес?

Ратклиф

Јас не, господару.

Ричард

Гнас му е да свети; по календар
пред час требаше на Исток да светне:
црн ќе биде ова ден за некого.
Ратклиф!

Ратклиф

Господару!

Ричард

Денес сонце ќе нема;
небото ни́ се мурти, заканува.
Би сакал росава да ја нема.
Ќе го нема! Но што ми значи тоа
повеќе од Ричмонд? Истото небо
и нему и мене ми се мурти.
(Влегува Норфолк возбуден.)
На оружје, господару; душманот
е веќе таму.

Ричард

Побрзо, побрзо
коњот подгответе ми го. Лорд Станли,
војската нека ја доведе веднаш;
својата на рамнинка ја водам,
а ваков ќе е распоредот боен:
претходницата од коњаници и
пешаци вдолж целиот фронт ќе се
распореди; стрелците во средина:
Војводата Норфолк и грофот Сари,
Коњаниците и пешаците ќе ги
предводат. Зад нив идеме ние со
главнината а крилата две ќе ги
штити главната наша коњаница.
Така, и со помош на свети Ѓорѓи!
Што мислиш ти. Норфолк?

Норфолк

Одличен распоред, величество.
Ова утрово на шатор го најдов.
(Му покажува парче хартија.)

Ричард

(Чита)
„ Не биди Норфолк премногу смел
газдата твој, Ричард, продаден е цел”
Душманска подвала. Напред, господа,
секој местото заземете си го.
(за себе)
Нека соништа дрдорливи души
не ни́ страшат: совеста е збор за
кукавици, најпрво измислена
во страв силните да ги држи: совест
оружјето ни́ е силно, закон мечот.
Напред, храбро да удриме по гадот
ако не е в рај, тогаш заедно во адот!
(на војниците)
Што да речам повеќе од реченото?
Сетете се само со кого се борите-
банда скитници, подлеци, бегалци,
отпадот бретоњски, селанчишта долни

што родината сита го изблувала
за потфати бедни, сигурна пропаст.
На спање мирно, немир ви носат;
земја имате и убави жени,
неа ќе ви ја грабат, нив силуваат,
а ги води ништожникот што долго
во Бретања на сметка на мајка ни́
легачеше. Лигушко, што уште лебот
папо го вика. Со камшик да ги
истераме тие ѓупци преку море,
тие дрски парталковци француски,
просјаци гладни, од животот уморни,
што без сонов луд што им текнал
од глад, ко стаорци, сами би се обесиле.
Ако некој треба да не победи
тогаш мажи нека не победат
а не копилињава бретањски,
што татковците наши на нивна земја
ги биеја,толчеја, стромачкуваа,
и за спомен наследници срамни
им оставија. Зар вакви земјата
да ни ја земат? Со жените да ни́
лежат? Ќерки да ни силуваат?
(Оддалеку се слуша барабан)
Чујте! Брабанот им го слушам.
Во бој господо англиска! Во бој
воини! Запнете ги, стрелци, во нив
стрелите, запнете ги! Коњите
горди остро зборднете ги и земјата
од копјата скршени нека молсне!
(Влегува Гласник)
Што вели Станли? Ќе дојде ли со
војската?

Гласникот

Господару, тој одбива.

Ричард

Син му Џорџ веднаш убијте го!

Норфолк

Непријателот мочуриштето го мина.
Нека Џорџ умре по бојот, кралу мој!

Ричард

Илјада срца в гради ми бијат!
Знамиња развејте! На душманот напред!
Нека ни́ ободри повикот стар “Свети Ѓорѓи”
и гнев ни́ внесе на аждаи лути!
Напред! Победа ни́е вика.
(Заминуваат.)
(Узбуна: Судири. Влегува Норфолк со војската.)
(Се појавува Кејтзби.)

Кејтзби

Помош, лорду Норфолк, помош, помош!
Кралот чуда надчовечки чини,
на секоја опасност пркосејќи!
Коњот му е мртов, како пешак се бори,
Ричмонд го бара во ждрелото на смртта.
Помош, лорду, или бојот е готов!
(Узбуна. Влегува Ричард.)

Ричард

Коњ! Коњ! Кралството за коњ!

Кејтзби

Повлечете се
господару, ќе ви најдам коњ.

Ричард

Робе, животот на коцка го ставив
па и ризикот на смртта го земам.
Чинам, шест Ричмонди во бојов има;
пет денеска убив место него.
Коњ, коњ, кралствоот за коњ!
(Одминуваат.)

Сцена 4

(Узбуна. Влегуваат Ричард и Ричмонд. Се борат; Ричард е убиен.)
(Се труби за повлекување. Потоа на повторен звук од трубите влегува Ричмонд. Станли ја носи круната.)
(Лордови.)

Ричмонд

Сполај му на бога и оружјето
победата е наша: а песот крвав мртов.

Станли

Ричмонде храбар, јунаку на денот!
Оваа долго открадната круна
од мртвата глава на бедникот ја
извадив, за челото твое да го
краси. Носи ја, достојно и храбро!

Ричмонд

Боже семоќен, амин речи на ова!
Но, кажи, жив ли е син ти Станли?

Станли

Да, господару. И безбеден во Лестер.
Таму, ако ви е по волја, можеме
сега да се повлечеме.

Ричмонд

Кој луѓе од углед
од двете страни се убиени?

Станли

Џон војводата од Норфолк, Волтер лорд Фереpз
сер Роберт Брекенбери и сер Вилјам Брандон.

Ричмонд

Закопајте ги како што на родот им
доликува: прогласете помилување
за војниците одбегнати ако
во покорност ќе се вратат. А сега
според заветот свет што го дадовме
белата и црвената роза ќе ги
обединиме. Насмеј се небо на
спојот убав како што на раздорот
им се муртеше! Кој е тој предавник
што на ива не би рекол Амин!
Англија долго залудна беше
братот слепо братот си го колеше
а таткото синот, синот таткото:
во сé Јорк и Ланкестер ги делеа,
самите поделени од раздор лут.
О, нека сега Ричмонд и Елизабета,
наследници прави на двата дома,
со божја волја сите ги обединат!
А следбениците нивни, о, боже,
нека со мир иднината ја дарат;
со среќа полни и богатства штедри!
Предавниците о, боже, сотри ги,
што дните црни повтат да ги врата
и Англија да липа во потоци крв!
Нека умрат без чар од процветот да видат
тие што издајници на мирот ќе бидат!
Мирот сега повторно раните ги лечи
да трае долго, амин, господе речи!
(Заминуваат.)
(*Исчезнуваат)*

Белешки

• Во преводот, за жал, не можеше да се долови двосмисленоста на ова пророштво. Покрај Џорџ на Џ почнува и името на војводата од Глостер, но, во транскрипцијата тој не можеше да стане Џлостер туку остана онака како што се изговара во оригиналот: Глостер.


Корнелій

Наслов на оригиналот:

Coriolanus

ЛИЦА:

Кај Марциј Кориолан, римски велможа
***Тит Ларциј*,** заповедник против Волшчаните
Коминиј, заповедник против Волшчаните
Менениј Агрипа, пријател на Кориолан
Сициниј Велут, народен трибун
Јуниј Брут, народен трибун
Младиот Марциј, син на Кориолан
Римски гласник
Тул Ауфидиј, воен заповедник на Волшчаните
Офицер на Ауфидиј
Заговорници со Ауфидиј
Граѓанин на Антиум
Двајца волшчки стражари

***Волумниј*а**, мајка на Кориолан
***Виргилиј*а**, жена на Кориолан
***Валериј*а**, пријателка на Виргилија
Благородници од придружбата на Виргилија

Римски и волшчански сенатори, патриции, адили, војници, граѓани, курири, слуги на Ауфидиј и други придружници

Кориолан е, веројатно, една од последните трагедии на Шекспир, напишана некаде околу 1608 година, а првпат печатена дури во Првото фолио издание од 1623 година. Како и другите *римски* драми, главно се заснова врз ***Споредбените животи на славните Грци и Римјани*** од Плутарх (1 век н.е.) цењето и признато дело, првин преведено на француски од Жак Амие во 1559 година, а потоа на англиски од Томас Норт во 1579 година. Дека делото на Плутарх имало огромно влијание врз развојот на француската и англиската оригинална литература, следствено и врз Шекспир којшто честопати го користи образецот на Плутарховата односно Нортовата проза во своите драми, најдобро потврдуваат зборовите на еден од најдоследните Плутархови следбеници Монтењ: " Ние, лаиците, одамна ќе пропадневме да не нé извлечеше баш оваа книга од калта; благодарејќи ѝ нејзе, во овој час се осмелуваме да зборуваме и пишуваме." Веројатно истото можел да го каже и Шекспир којшто мошне верно се држи до својот извор, односно животот на Кориолан даден од Плутарх, но, притоа, врши фантастична селекција и згуснувње на историските настани во зависност од тоа колкава корист може да извлече за карактерот на ликот што го обработува. Токму тука, на планот на "кражбата" и разработката на "украденото" се гледаат големите творечки можности на авторот, а неговата интертекстуалност само ја потврдува неговата долговечност и современост.

Кориолан е политичка драма во која сепак не доминира политиката, расправиите за демократијата, војната и мирот, партискиот систем, туку индивидуалното доживување на еден дух ставен на тешко искушение и приклештен во менѓемето меѓу службата кон татковината, сопствената жед за слава, потребите на храброста, илитизмот и презирот кон толпата и, се разбира, прангите на моќниот мајчин јарем. Овој јарем на Волумнија, храбрата, достоинствена, но се чини, и премногу конвенционална и посесивна мајка, што речиси едиповски владее со судбината на храбриот, достоинствен но сепак мошне своеглав, суетен и недоволно разборит син, е главната причина за трагичниот крај на Кориолан во комбинација со трагичноста, што, се чини, тој ја носел во себе уште од раното детство, а тоа е губењето на еден од родителите и потпаѓањето под неконтролираното влијание на другиот, односно мајката, во случајов. Се разбира ***Кориолан*** е драма што заслужува поопстојна социолошка и психолошка анализа и резултатите од неа сигурно би ги расветлиле трагичните аспекти на комплексниот подем и пад на овој легендарен римски јунак.

Кориолан е драма претежно пишувана во стих којшто условно можеме да го крстиме јамписки десетерец. Честа е употребата на римувани завршници а посебен белег дава блескавата, искричава и многу витална проза.

Ова е прв превод на ***Кориолан*** на македонски јазик.

Чин ПРВИ

Сцена 1[1]

(Влегува толпа побунети граѓани со тојаги, ќуски и друго оружје.)

Првиот граѓанин

Пред да продолжиме понатаму, сакам нешто да ви кажам.

Сите

Кажи, кажи.

Првиот граѓанин

Дали решивте дека смртта е поарна од гладта?

Сите

Решивме, решивме.

Првиот граѓанин

Дали знаете дека Кај Марциј е народен непријател број еден?

Сите

Знаеме, знаеме.

Првиот граѓанин

Да го убиеме, па ќе имаме жито по наша цена. Одговара?

Сите

Доста муабети; сакаме дело. Сега му е мајката, сега!

Вториот граѓанин

Само збор, добри граѓани.

Првиот граѓанин

Нас нé сметаат за лоши граѓани, патрициите за добри. Она што на властодршците им се претура, нам би нé спасило од маките. Да ни го дадат барем вишокот дури не отишол по петлите, ќе сметаме дека постапиле со нас ко со луѓе, ама мислат дека ние сме вишок.[2]Мршавоста што нé навредува, образот на нашата беда, само го вади на показ нивното обилие; нашето страдање за нив е добивка. Да им вратиме за ова во крв и месо пред да станеме кожа и коски. Оти боговите знаат, ова го велам од глад за леб, не од жед за одмазда.

Вториот граѓанин

Дали се кренавте нарочно против Кај Марциј?

Сите

Најмогу против него. Тој е вистински звер за народот.

Вториот граѓанин

Знаете какви заслуги има тој за земјата?

Сите

Знаеме многу добро и радо би го величеле да не почнеше сам да се отплаќа со

лошотилок.

Вториот граѓанин

Сега злобата зборува од тебе.

Првиот граѓанин

Море ти велам дека сите славни дела ги стори со една цел: слободоумните нека баботат дека тоа било за доброто на земјата ама јас тврдам дека само сакал да ја задоволи мајка си а и да има на што потоа да се возгорди зашто кај него, возгордоста е рамна на храброста.

Вториот граѓанин

Не можеш да му земеш за зло што е таков од раѓање. Уште речи дека е алчен.

Првиот граѓанин

Тоа може нема да речам ама ова не значи дека нема за што друго да го набедам. Мани има, брат, мани колку сакаш, да умреш дури да му ги изброиш. *(Се слушаат извици од надвор.)* Какви се ова викотници? Веќе се кренал другиот дел од градот: што сме се распљампале овде ко стари баби? На Капитол!

Сите

Одиме, одиме.

Првиот граѓанин

Чекајте, некој доаѓа.
(Влегува Менениј Агрипа.)

Вториот граѓанин

Чесниот Менениј Агрипа, човек што секогаш бил со народот.

Првиот граѓанин

Чесен е нема што, камо другите да се како него!

Менениј

На што зорт сте земјаци? Кај сте тргнале со мотиките и ќускиите? За што станува збор? Кажете, ве молам.[3]

Првиот граѓанин

Сенатот добро знае за што станува збор; уште пред две недели им најавивме што ќе се случи, а сега им покажуваме и на дело. Велат сиромашните молители имале смрдливи усти; сега ќе видат дека и нивните ќе засмрдат.

Менениј

Ама луѓе, пријатели мои добри, намузни мои комшии,
зарем сакате сами да се уништите?

Првиот граѓанин

Нема што да уништуваме, господине, веќе сме уништени.

Менениј

Ви велам, пријатели, со најблагодушен порив
се грижат патриците за вас. Колку за гладта и страдот во немаштија, можете до утре со мотики да удирате по небо, ко што дрско ги кренавте на државата римска, чиј тек ќе оди
ко што си оди, кршејќи вериги безброј од многу поцврсти узди одошто вие, низ отпоров ги нудите. Колку за гладта, неа боговите, а не патрициите ја творат, и тука
колената, а не рацете се од помош. Гледам, сегашнава неволја ве тера
во други поголеми; па хулите сега по водачите државни, кои ко татковци за вас се грижат,
и ко душмани најлути без срам ги пцуете.

Првиот граѓанин

Се грижат за вас? Умреа од грижи! Никогаш
не се грижеле за нас. Не држат гладни
и страдни, а ваму амбарите им крцкаат
со жито; носат закони за лихварство во
корист на лихварите; секојдневно го укину-
ваат секое благо законче донесено против
богатите а нема ден да не донесат построги
за уште повеќе да нé подјармат нас сиро-
масите и да нé дотолчат. Ако од војните
извлечеме жива глава, тие ни ја сечат; само
ваква љубов коткаат за нас.

Менениј

Или ќе мора
да си признаете дека сте чудно злобни,
или ќе ве обвинат за лудост. Ќе ви кажам
убава приказна; можеби сте чуле,
но бидејќи ѝ служи на целта, ќе се дрзнам
пак да ја повторам.

Првиот граѓанин

Па да ја слушнеме, господине; сепак не
смеете да помислите дека ќе ни ја замавтате
маката со приказна; но, ако сакате, кажете
ја.

Менениј

Еднаш од телото деловите сите
се побуниле и го обвиниле мевот
дека само тој како јама стои
сред тело, безделничав и мрзлив,
вечно гнетејќи храна, без да ‘рмба
како другите кои за тоа време мислат,
гледаат, слушаат, учат, чувствуваат, одат
и учествуваат заеднички, му служат
на потребите и желбите општи
на целото тело. Одговори мевот-

Првиот граѓанин

И, господине, што им одговори мевот?

Менениј

Ќе ви кажам, господине. Со насмевка чудна,
ни малку до гуша, туку како ваква[4]-
оти господине можам да го натерам мевот
да се смее и да говори-тој им одговори со
прекор
на незадоволните делови, на бунтовниците
дрски
што за храната му фатија кусур баш како
што вие
ги пизмите сенаторите што, ете, не биле
исти како вас.

Првиот граѓанин

Ама одговор на мевот-и после?
кога главата, кралската ни круна, будното
око,
срцето-советник, раката, нашиот аскер,
ногата-нашиот ат, јазикот, нашиот трубач,
со другите бранители и помошници ситни
во военава машина, кога тие-

Менениј

Што тогаш?
ама е вешт на зборот! Што тогаш? Што
тогаш?

Првиот граѓанин

Сите овие на бунт да се кренат,
што би рекол тогаш мевот?

Менениј

Ќе ви качам,
ако имате малку (од она што ви фали многу)
трпение да го чуете одговорот на мевот.

Првиот граѓанин

Многу ми вртите.

Менениј

Запомни, пријателе добар,
мевов сериозен, промислен се покажал

многу,
не пренаглил ко тужителите, па одговорил вака:
“Вистина е, мои сотеловници,” тој рекол,
“дека јас најпрв ја примам заедничката храна
од која живеете; а така е и право,
оти јас сум стоваришето и складот
на целото тело. Но, ако помните уште,
ја праќам низ реките на крвта ваша,
дури на дворот, срцето, на мозокот тронот;
и низ меандрите, отворите човечки,
најсилните мускули и најкночките вени
од мене ги примаат средствата за живот
неопходни за опстанок. И одеднаш иако
пријатели мои добри,”-вели мозокот, велам-

Првиот граѓанин

Добро, добро, господине.

Менениј

“И одеднаш иако
не можете да видите што ви испорачувам на сите,
можам да ви покажам сметка, дека секој
од мене назад го прима брашното на моќта
оставајќи ми ги само триците.” Што велиш на ова?

Првиот граѓанин

Одговор и пол. Но која е врската?

Менениј

Сенаторите римски се овој добар стомак,
а вие побунетите делови; оти на опит
ако ги ставите советите и грижата нивна,
ако сомелете исправно што е за сеопшто добро,
ќе видите дека сите јавни добра
од нив потекнуваат и кон вас идат,
а никако обратно. Што ќе гугнеш сега,
ти голем подлецу ножен на овој собир?

Првиот граѓанин

Јас голем ножен палец? Зошто?

Менениј

Зашто иако најподол, најрасипан и најкус
во мудрава буна, ти најсилно џавкаш:
загариште едно, најдолно во сојот,
глутницава ја предводиш за нешто да ќариш.
Но сега стегнете ги ќускиите, мотиките цврсти;
Рим ќе се тепа со стаорците свои;
некој ќе мора да го крка.
(Влегува Кај Марциј.)
Здраво, благороден Марциј.

Марциј

Здраво. што е, расипници едни црни,
гледам пак си го чешате сиромавиот јадеж
на мнението и се претворате во красти.

Првиот граѓанин

Секогаш сте имале добар збор за нас.

Марциј

Тој што за тебе ќе каже добар збор, паѓа
под најдолниот ласкач. Што ‘ржите, ‘ртки,
што не сакате ни војна ни мир? Од војна ви е фуфка,
во мир станувате sверки. Кој во вас има верба,
место лавовско, зајачко срце ќе најде,
место лисица, гуска; не сте посигурни
од жар јагленов на ледник, или од град
на сонце. Само знаете арамиите тешки
со чест да ги коткате пцујејќи по правдата
што в апс ги пикнала. А некој вреди
веднаш го мразите; и желбите ваши
се ко каприс на болен, којшто најмногу го бара
она што болеста ќе му ја зголеми. Тој што зависи
од услугите ваши, плива со оловни перки,
и дабот со трски го урива. Лајна! Зарем
вам да ви се верува? Вртикапи сте што утре,
денес омразениот, во слава ќе го фрлите,
а јунакот денешен, в пепел. Што се случи
та на неколкуве места во градот
лаете против благородниот Сенат, којшто

со помош на боговите ве држи во страв, инаку
меѓу себе ќе се изедете? Што сакаат овојпат?

Менениј

Жито по нивна цена, и уште велат
во градот го има на претек.

Марциј

Бесилка е за нив! Тие велат!
Си седат дома и си замислуваат дека знаат
што се прави на Капитол: кој е во подем,
кој оди напред, кој паѓа; фаќаат страни, годат
кој со кого ќе се жени; величаат партии едни,
а други, што не им се по мерак, ги газат
со прикрпени опинци. Велат имало жито?
Да не ги сожалува племството толку, па да можам
да го употребам мечот, ќе направам купче
од искасапениве робови, високо толку
што со копје да не се префрла.

Менениј

Немој, овие речиси се премислија сосем;
зашто иако прекумерно им фали менте,
се плашат од мерата надвор. Но, те молам,
што е со другите?

Марциј

Се разотидоа. Лајна!
Рекоа дека се гладни, изблуваа поговорки пет-шест-
гладта рушела бедеми, и песот морал да јаде;
месото за усти било; дека боговите не сакале
сиромасите да се гладни. Со овие цувки
си даваа оддишка, а кога им се излезе во пресрет
и барањето им се исполни, чудната молба
што срцето на племството ќе го скрши,
а власта ќе ја натера да се срами, в небо капи
фрлаа небаре на рогот лунен сакаа да ги бесат,
и вревеа во триумф.

Менениј

И што им се даде?

Марциј

Пет трибуни што ќе им ја бранат простачката мудрост,
избрани од нив самите. Едниот е Јуниј Брут,
па Сициниј Велут, и уште тројца такви. Глупост,
побрзо куќите во градов би останале без покрив
одошто кај мене би успеале; со време
ќе се осилат и барањата со закана за буна
брзо ќе растат.

Менениј

Многу чудно.

Марциј

А сега дома, партал-паши!
(Влегува задишан гласник.)

Гласникот

Каде е Кај Марциј?

Марциј

Овде, што има?

Гласникот

Има, има господине, со Волшчаните сме во војна.

Марциј

Баш ми е мило; еве можност да се ослободиме
од мувлосаниот вишок[5]. Идат првенците наши.
(Влегуваат Сициниј Велут, Јуниј Брут; Комниј, Тит Ларциј и други сенатори.)

Првиот сенатор

Вистина е Марциј она што неодамна ни го кажа.
Волшчаните се на нозе.

Марциј

Водачот нивен,
Тул Ауфидиј, бескомпромисен е воин.
Кон јунаштината негова грешна завист
коткам и да не сум оној што сум, би сакал
да сум Тул.

Кoминиј

Веќе сте делеле мегдан!

Марциј

Двете страни на светот во костец да се фатат,
а тој да е тука, јас ќе се одметнам за само нему
на каршилак да му излезам. Тој е арслан
што со гордост би го ловел.

Првиот сенатор

Тогаш Марциј
придружиму се на Кoминиј во овие војни.

Кoминиј

Од порано си ветил.

Марциј

Така е, господине, ветив
од ветеното не отстапувам. Тит Ларциј,
пак ќе ме гледаш како удирам по Тула.
Што е што си здрвен? Нема да се бориш?

Ларциј

Не, Кај Марциј,
ако треба и на штеки ќе цапкам,
но од бојов не се откажувам.

Марциј

Браво, Ларциј!

Првиот сенатор

Да одиме на Капитол, најдобрите кајшто
пријатели нé чекаат.

Ларциј

(На Кoминиј)
Ти одиш напред.
(На Марциј)
Оди по Кoминиј, а ние веднаш по тебе,
заслужуваш предност.

Кoминиј

Благороден Марциј.

Првиот сенатор

(На граѓаните)
Дома, да ве нема!

Марциј

Ако, нека идат.
Волшчаните имаат, многу жито: стаорциве можат
амбарите да им ги изглодаат. Почитувани ајдуци,
храброста ќе ви е на арно; идете, ве молам.
(Граѓаните се искрадуваат. Остануваат Сициниј и Брут.)

Сициниј

Дали некој бил волку горд како овој Марциј?

Брут

Му нема рамен.

Сициниј

Кога нé избраа за трибуни на овој народ-

Брут

Му виде нешто на усните, во очите?

Сициниј

Само гол презир.

Брут

А збесне, дури и на боговите знае да хули.

Сициниј

На скромната луна ѝ се потсмева[6].

Брут

Нека престојнава војна го голтне! Храброст
со толкава надуеност се белја.

Сициниј

Таков човек,
кога на успех ќе нагази, сенката напладне
по која гази, ја презира. Но само се чудам
како му дава лошотилакот да биде во рангот
под Коминиј.

Брут

Славата, целта кон која се стреми,
и која веќе обилно го краси, се чува
најдобро и најсигурно расте, на место
веднаш зад првото: неуспехот зашто
ќе биде вина на главниот, па макар
најдоброто од себе го дал; и лекомислените
тогаш
за Марциј ќе речат: "Е, камо Марциј
војната да ја водеше!"

Сициниј

А, ако сé тргне на добро,
јавното мислење, склоно кон Марциј,
ќе го лиши Коминиј од заслугите.

Брут

Така,
половина од почестите на Коминиј, Марциј
ќе ги добие без да ги заслужи; и сите грешки
негови, за Марциј ќе значат успех, иако
всушност
со ништо не го заслужил.

Сициниј

Ајде да чуеме како
течат подготовките; и на кој начин,
надвор од вообичаениот потход, ќе влезе
тој во престојниов потфат.

Брут

Добро, ајде.
(Излегуваат)

Сцена 2

(Влегува Тул Ауфидиј со кориоланските сенатори)

Првиот сенатор

Значи, Ауфидиј, ти мислиш
дека оние во Рим за плановите наши чуле,
и знаат што сме наумиле.

Ауфидиј

Па не само јас.
Што се смислило во државава наша
и спровело на дело без за тоа Рим
прв да дознае? Ни четири дена нема,
а ова оттаму го чув; ова се зборовите-мислам.
Тука ми е писмото-да, еве, чујте:
"Брзо-брзо ја собраа војската, но не се знае
дали за исток или запад. Глад владее голе,
народот се бунтува; и се слуша
Коминиј, Марциј твојот стар душман
(којшто Рим повеќе и од тебе го мрази)
и Тит Ларциј, Римјанин многу храбар,
заедно раководат со подготовките против
некого насочени: најверојатно против тебе.
Варди се и мисли."

Првиот сенатор

Војската е веќе на нозе.
Воопшто не се сомневаме дека Рим е спремен
да ни одговори на нападот.

Ауфидиј

Ниту мислевме дека е лудост
да ги чувате плановите во тајност, дури сами
од себе не се откријат, па уште во повој
се чини, Рим ги дозна. Откривањето
ни ја одзема замислената предност, многу
градови да освоиме пред Рим да дошика
дека сме во поход.

Вториот сенатор

Благороден Ауфидиј,
прими го овластувањето, со четите тргни;
остави ние да го браниме Кориол.
Ако опсада ни постават, на помош
со војските дојди; но сепак сметам
дека нема овде да удрат.

Ауфидиј

Јас ништо не сметам,
само сигурно знам дека ќе удрат. Па дури
некои одреди нивни тргнале веќе
и идат право кон нас. Ве оставам сега.
Доколку повторно наидам на Кај Марциј
се заколнавме дека ќе се бориме машки
дури еден од нас не падне.

Сите

Боговите нека те штитат!

Ауфидиј

И вашите благородства!

Првиот сенатор

Збогум.

Вториот сенатор

Збогум!

Сите

Збогум!
(Излегуваат)

Сцена 3[7]

(Влегуваат Волумнија и Виргилија, мајката и жената на Марциј. Седат на два ниски стола и везат)

Волумнија

Те молам, снао, пеј, или зборувај ми повесело. Син ми да ми е маж, повеќе би се радувала на отсуството во кое тој стекнува слава, одошто на прегратките в постела кајшто најголемата љубов ја покажува. Уште кога беше нејако дете и единствена рожба на утробава, кога со својата младост и лицбина ги засенуваше сите, кога цел ден крал на колена да ја моли, мајката ни час не би го испуштила од пред очи, јас, сметајќи колку почеста би му приличела на таквиот млад човек-којшто би бил како слика обесена на sид не поттикнат од славата-со задоволство го пуштав да бара опасности таму кајшто го чекаше слава. Во сурова војна го испратив, од која се врати овенчан со дабов венец[8]. Ти велам, снао, потскокнав повеќе од радост кога првпат го видов овенчан во слава отколку кога првпат чув дека ми се роди машко дете.

Виргилија

А да загинеше притоа, госпоѓо, што тогаш?

Волумнија

Тогаш син ќе ми станеше неговиот добар глас, во него ќе гледав своја рожба. Еве ти велам искрено: дванаесет синови да имам и сите подеднакво да ги сакам, а ниеден помалку од твојот и мојот добар Марциј, повеќе би сакала единаесет да ми загинат славно за татковината, одошто еден да ми пирува расипнички во безделништво.
(Влегува една дворјанка.)

Дворјанката

Госпоѓо, госпоѓа Валерија дојде да ве види.

Виргилија

Дозволете ми да се повлечам, ве молам.

Волумнија

Не ти дозволувам.
Чинам од далеку го слушам барабанот на маж ти;
го гледам кај го влече Ауфидија за коси,
ко деца пред мечка, Волшчаните од пред очи му се тргаат. А гледам тој гази, вака вика:
"Напред кукавици, во страв сте зачнати
иако деца на Рим." Крвавото чело
потоа со раката железна бришејќи го, напред
тој граби ко аргат-жетвар најмен да коси
до крај, или дневницата ја губи.

Виргилија

Крвавото чело? О Јупитер, само крв немој!

Волумнија

Не биди луда! Таа повеќе му личи на мажот одошто позлатата на шлемот. Градите на Хекуба
кога го доела Хектор, поубави не беа
од челото на Хектор кога крв пролеваше
презирајќи ги мечевите грчки. Кажи ѝ
на Валерија дека со добредојде ја чекаме.
(Излегува Дворјанката)

Виргилија

Небо, варди го од Ауфидиј мојот Марциј!

Волумнија

Ќе го кутне тој Ауфидија лесно
и на врат ќе му згазне.
(Влегува Валерија со слуга. Се враќа и дворјанката)

Валерија

Добар ден, госпоѓи мои.

Волумнија

Мила госпоѓо.

Виргилија

Се радувам што ве гледам.

Валерија

Како сте? Ама сте се подомаќинчиле. Што везете? Убава плетка, нема што. Како ви е синчето?

Виргилија

Добро, добра госпоѓо, ви благодарам.

Волумнија

Повеќе сака да гледа војници и да слуша барабани одошто да го гледа учителот.

Валерија

Навистина плукнат татко му! Прекрасно моме, жими очиве! Половина час го гледав во средата: толку решителен поглед има. Го гледав како трча по една златна пеперуга. Ја фати па ја пушти, па пак потрча по неа, па се сопна, па пак стана и пак ја фати; дали од што падна или од нешто друго, зачкрипи со забите и ја растргна. Парампарче ја направи!

Волумнија

Таков беше и татко му.

Валерија

Ама, ви велам, навистина благородно момче.

Виргилија

Живец, госпоѓо.

Валерија

Ајде, оставете ги чингелаќета. Денеска дојдете со мене и бидете еднаш неработни домаќинки.

Виргилија

Не, добра госпоѓо, не излегувам од дома.

Валерија

Не излегувате од дома?

Волумнија

Ќе излезе, ќе излезе.

Виргилија

Со ваша дозвола, навистина не излегувам; не го пречекорувам прагот додека господарот мој не се врати од војна.

Валерија

Глупости! Се затворате дома без причина. Ајде, треба и така да ја посетите леунката.

Виргилија

ѝ посакувам брзо закрепнување, а ќе ја посетам со молитви; не можам да одам.

Волумнија

Зошто, ти се молам?

Виргилија

Не затоа што ме мрзи или што не ја сакам.

Валерија

Сакате да сте втора Пенелопа; сепак велат дека сето платно што го исткала во отсуство на Одисеј само ја наполнила Итака со молци. Ајде, би сакала да ви е чувствително како прстот, па да престанете да го бодете од сожалба. Ајде, дојдете со нас.

Виргилија

Не, добра госпоѓо, простете ми; навистина не доаѓам.

Валерија

Живи сé најмило дојдете со мене, па ќе ви кажам одлични вести за маж ви.

Виргилија

Оф, добра госпоѓо, не е уште рано?

Валерија

Не е, со тие работи, не си играм мајтап. Сношти стигнаа вести за него.

Виргилија

Навистина, госпоѓо?

Валерија

Верувајте ми, ви се колнам; чув кога еден сенатор зборуваше за тоа. Рече: Волшчаните се задале со една армија, против која тргнал војсководецот Коминиј со дел од нашите римски легии. Вашиот господар со Тит Ларциј залогориле пред градот нивен Кориол; убедени се дека ќе победат и дека војната бргу ќе заврши. Ова е гола вистина, жими честа, затоа ве молам да дојдете со нас.

Виргилија

Простете ми, добра госпоѓо, другпат ќе ви надополнам.

Волумнија

Да ја оставиме, госпоѓо; каква што е сега само може да ни го расипе расположението.

Валерија

Навистина и јас така мислам. Тогаш збогум. Ајде, мила госпоѓо. Ве молам, Виргилија, истуркајте го мракот низ врата, излезете со нас.

Виргилија

Со еден збор, не, госпоѓо; навистина не можам. Убаво поминете си.

Валерија

Па, тогаш, збогум.
(Излегуваат)

Сцена 4

(Влегуваат Марциј, Тит Ларциј, со барабани и знамиња, со капетани и војници. Пред ѕидините на Кориол. Кај нив доаѓа Гласник.)

Марциј

Ни идат вести. Бојот почнал, се кладам.

Ларциј

Во коњот, дека не почнал.

Марциј

Нека ти биде.

Ларциј

Важи.

Марциј

Кажи, дали војсководецот наш веќе се бие?

Гласникот

На видик им е, ама не се удриле уште.

Ларциј

Значи добриот твој коњ е мој.

Марциј

Ќе си го купам.

Ларциј

Ни за продажба е ни за дар: ама на заем
ти го давам за едно половина век. Викни го градот.

Марциј

Колку далеку се војските?

Гласникот

Две илјади метра.

Марциј

Значи барабаните ќе им ги чуеме, нашите тие.
Те молам сега Марсе да нé побрзаш многу,
со мечевите чадливи да одмаршираме таму
во помош на борците в поле. Ајде, труби!
(Трубите свират за договор. Двајца сенатори и некои други излегуваат на ѕидините на Кориол.)
Тул Ауфидиј, дали е тој во градот?

Првиот сенатор

Не е, ни некој маж што помалку ти се плаши;
а тоа е помалку од малку.
(Од далеку се слушаат барабани.)
Слушај, барабаните наши
младите ги собираат. Побрзо бедемите сами
ќе ги урнеме одошто кафез наш да станат;
портите наши, навидум затворени, со трски
се замандалени и сами ќе се отворат.
Слушате таму?
(Од далеку се слуша воен метеж.)
Таму е Ауфидиј. Слушнете што ‘ршум прави
со војската Ваша разбиена.

Марциј

Бојот почна.

Ларциј

Метежот воен нека нé свести. Скалите ваму!
(Доаѓа војската на Волшчаните.)

Марциј

Не нисе плашат, излегуваат од градот.
Штитовите пред срце! Да се бориме
со срцапонепробојни од штитот. Напред,
Тите!
Нé презираат повеќе од што си мислев
па сиот се потем од гнев. Другари, напред!

Кој ќе се повлече, за Волшчанин ќе го сметам
и острицава моја ќе ја сети.
(Метеж. Римјаните се повлекуваат во рововите. Влегува Марциј и пцуе.)

Марциј

Сите зарази на југот да ве фатат,
вие резили на Рим! Вие стоко-сите красти и чуми
да ве стрефат па вашиот корнеж да базди
против ветрот на милја пред да ве видат,
толку да огадите! Вие гускини души,
скриени во маските на мажи, се дадовте во бегство
пред робови што мајмуни да ги потепаат можат! Зајци!
Од назад ранети, плеќите црвени, лицата бледи
од бегање и трескавичен страв! Свестете се па напред,
или, жими огнот небесен, душманите ги пуштам
и се вртам против вас. Свртете се. Јуриш;
држете се цврсто, кај жените да ги отераме
ко тие нас во рововиве. Следете ме!
(Повторна узбуна. Марциј оди по нив до портите.)
Портите се отворени. Бидете помошници добри!
За гинителите Среќата ги отвора ширум,
не за бегачите. Гледајте ме и правете исто!
(Влегува низ портите.)

Првиот војник

Се мрднал! Јас не одам.

Вториот војник

Ни јас!
(Портите се затвораат зад Марциј.)

Првиот војник

Гледај, портите се затворија зад него.
(Метежот продолжува.)

Сите

Готов е, му нема спас.

Ларциј

Што е со Марциј?

Сите

Убиен е, господине, мртов.

Првиот војник

Следејќи ги бегачите зад петици веднаш,
по нив тој влезе; а тие, внедоапица,
по него ги затворија; сам остана угул
против целиот град.

Ларциј

О, благороден брате!
Којшто чувствен ја надсмели бесчувствената сабја!
Таа се витка, а ти стоиш. Сам си, Марциј;
совршен рубин, голем колку тебе,
не ти е рамен во бесценетоста. Ти беше војник
по мерка на Катон, ни суров ни страшен
освен во ударите, зашто со погледот муртав
и громогласот од викот твој воен
во трепет го фрлаше душманот, небаре светот
треска го зафатил па се тресе ко прат.
(Влегува Марциј, крвав, нападнат од непријателот.)

Првиот војник

Господине, таму!

Ларциј

Да го спасиме, или неговата судба да нé снајде!
(Се борат и сите влегуваат во градот.)

Сцена 5

(Влегуваат неколкумина Римјани со плен.)

Првиот Римјанин

Ова го носам во Рим.

Вториот Римјанин

А јас ова.

Третиот Римјанин

Матната да го носи! Мислев дека е сребро.
(Излегуваат. Во далечината сé уште се слушаат воени извици. Влегуваат Марциј и Тит Ларциј и еден Трубач.)

Марциј

Гледај ги фуфкачиве што времето го ценат
по скршениве драхми. Перници, чингени лајци,
ефтини мечеви, градници што секој џелат
со погубените би ги закопал, робовиве долни,
уште пред бојот да сврши, пленат. Камшик е за нив!
Слушај! Војсководецот наш се бори! Кај него!
Таму е мажот што од душа го мразам, Ауфидиј,
смрт сее меѓу Римјаните. Затоа, благороден Тите,
задржи војска доволна да го чува градот,
а јас, со оние најхрабрите, ќе побрзам веднаш
на Комниј да му помогнам.

Ларциј

Но крвавиш, воину велик,
Премногу ти имаше надчовечки напор
за во втора борба да влезеш.

Марциј

Не фали ме, Тите,
уште не сум се ни загреал. Поздравен биди.
Крвта што ми тече повеќе е лечбена
и безопасна за мене. Пред Ауфидиј ваков
ќе застанам и ќе се борам.

Ларциј

Тогаш, божицата дивна,
Фортуна, во тебе нека се заљуби и лицбата нејна
противничките сабји нека ги заведе! Господине храбар,
срекáта нека паж ти биде!

Марциј

А, пријателка тебе
не помалку од оние што најмногу ги следи!
Збогум!
(Излегува Марциј.)

Ларциј

Појди, затруби гласно сред градскиот плоштад;
собери ги таму сите главешини на градот,
за да чујат што повеламе. Оди!
(Излегува.)

Сцена 6[9]

(Влегува Коминиј, како да е во поводекување, со војници.)

Коминиј

Здивнете, пријатели; добро се боревме; токму
ко прави Римјани, во одбраната мудро,
во повлекувањето храбро. Верувајте ми, браќа,
тие пак ќе нé нападнат. Во бојот,
од време на време ни ги носеше ветрот
извиците на воините наши. Богови римски,
кон успех водете ги, а и нас исто,
за обете сили, насмеани кога ќе се сретнат,
ви принесат жртва на благодарност.
(Влегува гласник.)
Што има?

Гласник

Граѓаните на Кориол излегоа надвор
и бој започнаа со Ларциј и Марциј.
Видов кога нашите до рововите беа одбиени
а потоа наваму тргнав.

Коминиј

Иако зборуваш право,
сé ми се чини не зборуваш добро. Кога беше тоа?

Гласникот

Пред повеќе од час, војводо.

Коминиј

Нема ни милја; пред малку барабаните им ги чувме.
Зарем цел час за милја ти треба
та вака доцна ја носиш веста?

Гласникот

Кодошите волшчански,
по пат ме гонеа, па морав да кружам
три-четири милји наоколу; инаку, уште
пред пол час вестите ќе ви ги кажев.
(Влегува Марциј.)

Коминиј

Кој е оној таму,
што изгледа ко да е одран? Богови мои,
тој го има ликот на Марциј, а и напред
сум го видел таков.

Марциј

Предоцна ли дојдов?

Коминиј

Да, ако не доаѓаш во крвта на други,
туку облеан во сопствената.

Марциј

О, дај да те гушнам
со раце цврсти ко кога просев; со срце
благо ко кога венчалниот ден се сврши,
и свеќите гореа до постела.

Коминиј

Цвету на воините,
како ни е Тит Ларциј?

Марциј

Ко човек зафатен со издавање наредби:
некого на смрт осудува, некого на прогон,
едни пушта, на втори им простува, на трети
им се заканува; во име на Рим Кориол го држи,
којшто, ко пенлив загар врзан за синџир,
по волја му потскокнува.

Коминиј

Каде е робот
што ми рече дека в ровови ве пикнале?
Каде е? Викнете ми го веднаш.

Марциј

Не треба,
тој вистината ти ја кажа; племството да не беше,
рајата проста-чума да ја сотре! Трибуните се за нив!
Глувчето никогаш не бегало од мачето ко тие
што магла фаќаа пред апаши полоши од нив.

Коминиј

Како победивте?

Марциј

Зарем сега да ти кажувам? Не е време.
Каде е душманот? Господари ли сте на бојот?
Ако не сте, зошто стоите дури не станете?

Коминиј

Многу тежок бој заденавме, Марциј,
па се повлековме да видиме како натаму ќе биде.

Марциј

Како се распоредени? Знаете ли на која страна
ги имаат истурено најхрабрите луѓе?

Коминиј

Мислам, Марциј,
ударната сила Анцијанците им ја праваат,
тие се најдоверливи; водач им е Ауфидиј
срцето нивно на надежта.

Марциј

Најискрено те молам,
во името на сите битки што заедно сме ги биеле,
во крвта што заедно сме ја лееле, во заклетвата
што сме си ја дале за пријателство, веднаш
да ме поставиш против Ауфидиј и Анцијанците;
и не одлагај со колебање, туку
исполни го воздухот со мечеви исукани и стрели
па веднаш да се обидеме.

Коминиј

Иако сакам,
да бидеш одведен во топла бања,
раните да ти ги залечат, сепак не смеам
барањето да ти го одбијам. Направи јунаци одбор
што најдобро ќе ти се најдат.

Марциј

Најдобри се
најспремните по волја. Ако некој тука-
а сомнежот е грев-ја сака оваа боја
што јас ја носам; ако помал му е стравот
за животот од жедта за слава; ако мисли
дека јуначката смрт е подобра од бедниот живот,
дека роднината му е помила од самиот него;
тогаш тој сам, и другите што така мислат,
нека замавнат вака, согласност дадат,
и нека Марциј го следат.
(Сите извикуваат и мавтаат со мечевите.)

Сите

Мене земи ме! Меч направи од мене!
(Го креваат на раце и ги фрлаат капите во воздух.)

Марциј

Ако ова не е површна чинка, кој од вас не вреди
барем четворица Волшчани? Секој од вас може
да носи штит по моќ рамен
на големиот Ауфидиј. Број одбран само
(иако фала ви на сите) да изберам морам:
другите своето ќе го вршат во битка друга,
кога ќе биде потребно. Истапете, ве молам,
веднаш ќе ја издадам заповедта моја,

кои се најрешителни.

Коминиј

Појдете, јунаци мои,
покажете се во бојот, а потоа рамно
сé ќе поделиме.
(Излегуваат.)

Сцена 7[10]

(Тит Ларциј, откако поставил стражи пред Кориол, тргнат со барабани и труби да им се придружи на Коминиј и Кај Марциј влегува со еден поручник, војници и извидник.)

Ларциј

Значи, чувајте ги портите; вршете ја должноста
како што ви кажав. Ако побарам, на помош пратете ги центуриите онде; сите други доволни се за краткотрајна посада; ако бојот го загубиме, отиде и градот.

Поручникот

На заповед, господине.

Ларциј

Тргнуваме. Затворете ги портите по нас;
води нé, водичу. Право во римскиот логор.
(Излегуваат.)

Сцена 8[11]

(Се слушаат воени извици. Влегуваат од спротивни страни Марциј и Ауфидиј.)

Марциј

Само со тебе ќе се борам, оти те мразам
повеќе од вртизбор.

Ауфидиј

Во омразата сме рамни:
ни Африка[12] нема змија што ја мразам
повеќе од омразената слава твоја. Држи се!

Марциј

Кој ќе отстапи ко роб на другиот нека умре
и боговите потоа нека го осудат!

Ауфидиј

Ако побегнам, Марциј,
гони ме ко зајак.

Марциј

Цели три часа, Туле,
сам се борев во ѕидините на твојот Кориол,
и правев што сакам; крвта што на мене
ја гледаш не е моја. За крвнина сега,
сета моќ напрегни ја.

Ауфидиј

Да си Хектор,
што камшик беше на фаленото племе[13]
нема да ми побегнеш.
(Се борат. Неколку Волшчани му доаѓаат на помош на Ауфидиј. Марциј се бори со нив и ги отерува.)
Наметливи, а не храбри, срам ми нанесовте,
со вашата проклета помош.
(Излегуваат.)

Сцена 9[14]

(Врева. Узбуна. Се свири повлекување. Од една страна влегува Коминиј со Римјаните; од друга Марциј со преврзана рака.)

Коминиј

Ако ти зборувам за делата денешни твои
сам нема да веруваш; но ќе ги кажам
кај што сенаторите насмевки и солзи
мешаат, кајшто патрициите големи
раменета ќе ги кренат, полни восхит;
кајшто госпоѓите ќе се плашат, и во радост
трескавична ќе бараат да чујат уште; кајшто
тапите трибуни со мрсните плебејци славата
што ти ја мразат против волја ќе речат,
"Фала
на боговите што Рим има таков војник."
А ти, сепак, трошки од гозбата ќе земеш
зашто од порано си веќе сит.
(Влегува Тит Ларциј со својата војска враќајќи се од потера.)

Ларциј

О, војсководецу,
тој е вранецот, а опремата ние:
требаше да го видиш-

Марциј

Доста, те молам. Мајка ми,
која има право да го велича својот пород,
кога ме фали, ме растажува. Јас сторив
ко вие што сторивте, колку можев; решен,
ко вие што бевте, за татковината да умрам.
Сите што решеноста ја спроведоа своја
сторија повеќе од мене.

Коминиј

Нема да станеш
гроб на заслугите свои; Рим мора да ги знае
вредностите твои. Злоупотреба би била,
полоша од кражба, на предавство рамна,
делата твои да се скријат, и да се молчи за
она
што најмногу и најгласно треба да се фали,

без оглед колку си скромен. Затоа, те молам,
во знак на она што си, а не како награда
за она што го стори, чуј ме пред војскиве наши.

Марциј

Имам на себе неколку рани и тие ме печат кога на нив ме потсеќаш.

Коминиј

Ако не те потсетам,
од неблагодарност може да скапат,
и смртта тогаш би бил лекот. Од сите коњи,
а добри пленивме, ергела цела-и од сиот
плен на бојното поле и во градот,
десетина е твоја; повели, земи ја веднаш
пред општата поделба, по
свој избор.

Марциј

Ти благодарам, војсководецу,
но не можам да го натерам ова срце
да прими поткуп за делото на мечот: одбивам
и ќе земам од заедничкото колку и сите
што чинот го видоа.
(Долг поздрав со трубите. Сите викаат, "Марциј! Марциј!", ги фрлаат во воздух капите и копјата. Коминиј и Ларциј стојат гологлави.)
Нека истиве инструменти што ги осквернувате
никогаш повеќе не засвират! Кога сите барабани и труби
на бојното поле во ласкачи се претворат, тогаш
и градовите и дворовите во ласки притворни ќе зајдат!
Кога челикот ко свила на дворјанин ќе смекне,
тогаш него за бојот нека го славаат. Доста, реков!
Оти не сум стигнал да го измијам носов крвав,
или што сум кутнал некој тиквар, ко и вие што сте кутнале без некој да види, овде вие ми извикувате претерани фалби,
небаре маленкоста моја одвај ги чека фалбите ваши зачинети со лага.

Коминиј

Прескромен си,
посуров кон сопствените дела одошто благодарен
кон нас што вистински те прикажуваме. Дозволи ми,
ако веќе на себе си се нафрчил, во пранги
да те оковаме ко човек што рака на себе кренал,
па разумно да разговараме. Затоа нека се знае,
овде, во целиот свет, дека Кај Марциј венцоносец е во бојов; во знак на тоа
мојот ат расен, познат на сите, му го давам
со целата опрема; и од денес
за она што го стори кај Кориол, викајте го сите
со сета почест и одушевеност, со сета слава
Марциј Кај Кориолан!
Прекаров гордо носи го навек!
(Извици, труби, барабани.)

Сите

Марциј Кај Кориолан!

Кориолан

Да се измијам одам,
и на чистото лице ќе видите сите
дали сум поцрвенел: но, фала ви многу.
Коњот твој ќе го јавам, а за навек
чесно ќе го носам убавиот прекар.

Коминиј

Сега, во мојот шатор;
кајшто, пред да се одмориме, за бојот
добиен ќе му пишеме на Рим. Ти, Тит Ларциј,
мораш назад во Кориол: прати ни ги во Рим
првенците, со кои мир ќе склучиме
за нивно и наше добро.

Ларциј

Одам, господару.

Кориолан

Боговите ми се потсмеваат: Јас што пред малку
кралски дарови одбив, сега мора да испросам нешто
од војсководецот наш.

Коминиј

Дадено е што и да е.

Кориолан

Понекогаш престојувам во Кориол овде
во куќата на еден сиромав: љубезен бил со мене.
Ми се јави и видов дека е пленик.
Но тогаш Ауфидиј пред мене се јави,
и гневот сожалбата ја надви. Од тебе барам
сиромашниот мој домаќин да го ослободиш.

Коминиј

Благородна молба!
Дури и син ми да го заклал, слободен
е ко ветар. Ослободи го, Тите.

Ларциј

Марциј, како се вика?

Кориолан

Жими Јупитер, заборавив!
Исцрпен сум, да, помнењето ми се губи;
имаме овде вино?

Коминиј

Одиме во мојот шатор.
Крвта на лице ти се суши, време е
да се погрижиме за тоа. Ајде!
(Излегуваат.)

Сцена 10[15]

(Труби, Рогови. Влегува Тул Ауфидиј, крвав, со два-тројца војници.)

Ауфидиј

Градот падна!

Првиот војник

Пак ќе го вратиме под услови добри.

Ауфидиј

Услови!
Камо да сум Римјанин, зашто не можам,
како Волшчанин, да сум она што сум.
Услови?
Што добро од мирот да се обезбеди може
за страната во туѓа милост? Пет пати, Марциј,
со тебе сум се борел; петпати доживеав пораз;
а пак исто ќе биде, мислам, па макар
трипати дневно да се биеме. Жими елементиве,
уште еднаш да се сретнеме лице в лице,
или тој или јас ќе биде. Зависта моја
ја нема повеќе честа што ја имаше: еднаш мислев да го здробам во борба рамна
со меч против меч, но сега не ми е важно;
сакам да го тргнам па макар со лукавство и бес.

Првиот војник

Жив ѓавол е.

Ауфидиј

Посмел, иако не толку лукав. Храброста ми ја затру
со дамка страдалничка: поради него
сама од себе ќе излета. Ни светилиштето, ни сонот,
голотијата, болеста; ни Капитол, ни храмот,

молитвите свештени, ни принесувањата жртви-
браници на гневот-нема да ги кренат
бајатото право и адетите против
омразата моја кон Марциј. А го најдам, па макар
дома, во куќата на брат ми, дури и таму,
против законот за гостопримство, има
крвта да му ја пролеам. Оди сега до градот;
дознај како се држи, и кои се тие што ќе одат
заложници во Рим.

Првиот војник

Зарем не одите вие?

Ауфидиј

Ме чекаат во чемпресовиот забел. Те молам-
Јужно од мелниците-таму дојди кажи ми
како стојат работите, па според нив
и јас да се однесувам.

Првиот војник

Добро, господару.
(Излегуваат.)

Чин ВТОРИ

Сцена 1[16]

(Влегува Менениј со двата народни трибуни, Сициниј и Брут.)

Менениј

Птицогатачот[17] ми вели дека вечерва ќе има вести.

Брут

Добри или лоши?

Менениј

Не според молитвите на народот, зашто тој не го сака Марциј.

Сициниј

Природата ги учи ѕверовите да си ги познаваат пријателите.

Менениј

Ти се молам, кого сака волкот?

Сициниј

Јагнето.

Менениј

Да, за да го голтне, како гладните плебејци благородниот Марциј.

Брут

Тој навистина е мечка што живее ко јагне. Вие двајцата сте стари луѓе: одговорете ми искрено на едно што ќе ве прашам.

Обајцата

Добро, господине.

Менениј

Која мана го осиромашува Марциј што вие двајца ја немате на претек?

Брут

Не е сиромав во мани, напротив, снабден е со сите.

Сициниј

Посебно со лошотилок.

Брут

Најмногу со фалбаџиство.

Менениј

Многу чудно. А дали вие двајца знаете што мислат за вас во градот, мислам ние од повисоката фела? А?

Обајцата

Што мислат?

Менениј

Кога веќе говорите за лошотилак-нема да се налутите?

Обајцата

Нема, нема, господине.

Менениј

А и не е толку важно, зашто многу мал никаквец кадарен е да ви украде многу големо трпение; ги испуштате уздите на вашиот уј и се лутите на сопствено задоволство; барем ако сметате дека ви прави задоволство вашата разузденост. Вие го обвинувате Марциј дека е лош.

Брут

Не го правиме тоа сами, господине.

Менениј

Знам дека малку можете да направите сами, зашто да не ви помагаат мнозина делата би ви биле незабележливо мали; способностите ви се ептен детиснки за да можете да направите нешто сами. Вие најдовте да зборувате за лошотилак. О камо да имате очи на тилот па сами да го наспрете доброто во себе! Камо да имате!

Обајцата

Што тогаш господине?

Менениј

Тогаш ќе откриете двајца незаслужни, лоши, насилнички, тврдоглави избраници или будали какви што ги нема во Рим.

Сициниј

Менениј, и ти не си цвеќе за мирисање.

Менениј

Јас сум познат како ќудлив патрициј, човек што сака чашка вино некрстена во Тибар; за кого се вели дека има мана да се залага пред добро да ја проучи жалбата; дека сум наглит и запаллив и при најмал повод; човек што прави муабет со газот на ноќта одошто со челото на утрото. Она што го мислам, го велам и злобата ја трошам во здивот. Кога ќе сретнам двајца вакви аминции како вас-неможам да ве наречам Ликурзи-ако пијалокот што ми го давате ми го скиселува вкусот, правам кисело лице. Неможам да кажам дека вашите благородства правилно изнеле некое прашање, кога магарињa наоѓам во речиси секој ваш слог. И иако морам трпеливо да ги трпам оние кои велат дека сте ценети и сериозни мажи, сепак смртно лажат оние кои велат дека имате добри сурати. Ако ова го гледате на образот од мојот микрокосмос, следи дека и јас сум добро познат! Каков зијан може да наспре вашето слепо виделце во овој карактер ако и јас сум добро познат?

Брут

Те знаеме, господине, те знаеме многу добро.

Менениј

Ниту мене ме знаете, ниту себе, ниту нешто друго. Вие само сакате бедници да клечат пред вас и капи да ви вадат; трошите цело претпладне во решавање на спорот помеѓу една пилјарка и еден продавач на славини, а потоа ја одлагате безвредната парница за друго рочиште. Кога ја сослушувате парницата помеѓу две странки, ако ве фатат грчеви во стомакот, ги клештите лицата ко бедни пантомимичари, кревате барјак против секое трпение, и, врескајќи да ви донесат леген, ја прекинувате нерешената парница, уште повеќе заплеткана од вашиот претрес. На крајот, мирот го склучувате со тоа што двете странки ги нарекувате никаквеци. Многу чудна двојка сте вие.

Брут

Се знае, се знае господине, дека повеќе вредите како одличен задрогаз на трпеза одошто како добар сенатор на Капитол.

Менениј

И нашите најдобри свештеници мора да станат зафркнати, за да разговараат со двајца смешни дегени како вас. Дури и најпаметното што го велите, не вреди колку вашето мрдање со брадите; а вашите бради не се достојни за закоп во крпено перниче или во седло на магаре за да имаат чесен гроб. Сепак ко да ми велите дека Марциј е лош: којшто, најевтино проценет, вреди колку сите ваши претци заедно почнувајќи од Деукалион, од кои најдобрите, изгледа биле наследно ѕелати. Збогум, господа. Уште малку муабет со вас и ќе си го поболам умот, оти вие сте говедари на плебејската стока. Ќе си допуштам сега да ве оставам.
(Брут и Сициниј се повлекуваат.)
(Влегуваат Волумниј, Виргилија и Валерија.)
Како сте мои убави и благородни дами-од месечината, да е земска, поблагородни-кон каде вака забрзани сте тргнале?

Волумниј

Пречесен Менениј, син ми Марциј доаѓа. Жити љубовта на Јунона, не задржувај нѐ.

Менениј

Што? Марциј се враќа дома?

Волумниј

Да, пречесен Менениј, и тоа со најголем успех и чест.

Менениј

Еве ти ја капава, Јупитер ти благодарам. Еј! Марциј се враќа дома?

Виргилија и Валерија

Се враќа. Навистина се враќа.

Волумниј

Еве писмо од него; стигна и до сенаторите, до жена му а мислам дека дома имаш и ти.

Менениј

Домот мој вечерва ќе се опие. Има и за мене?

Виргилија

Има, има писмо и за тебе; го видов.

Менениј

Писмо за мене! Сега добив здравје за седум години; сето време ќе му се клештам на докторот. И најдобриот Галенов рецепт е само бабина-деветтина и во споредба со еликсиров, не вреди ни колку леб за коњи. Да не е ранет? Обично доаѓал дома ранет.

Виргилија

Не е, не е.

Волумниј

Ранет е, ранет; на боговите им благодарам за ова.

Менениј

И јас, ако раните не се тешки. Носи победа в ѕеб? Раните му приличат.

Волумниј

На чело ја носи. Менениј, по третпат доаѓа дома овенчан со дабов венец.

Менениј

Му го втера умот в глава на Ауфидиј?

Волумниј

Тит Ларциј пишува дека се обиделе, ама

Ауфидиј побегнал.

Менениј

Добро сторил, сигурен сум: да останел карши него не би бил на негово место ни за сите ковчези на Кориол до рам полни со злато. Известен е Сенатот за ова?

Волумнија

Да одиме, добри госпоѓи. Да, да, да. Сенатот доби писма од војсководецот, во кои тој ја припишува победата на син ми. Во оваа војна тој двапати ги надмина поранешните свои дела.

Волумнија

Навистина, велат дека правел чуда.

Менениј

Чуда, ами како и тоа вистински.

Виргилија

Боговите нека посведочат.

Волумнија

Да посведочат? Зарем не е вистина?

Менениј

Не е вистина? Се колнам дека е вистина. Каде е ранет? *(На трибуните.)* Господ да ги варди вашите благородства. Марциј се враќа дома: еве зошто уште повеќе ќе се излоши. *(На Волумнија.)* Каде е ранет?

Волумнија

Во рамото и во левата рака: ќе има големи лузни да им ги покаже на народот кога ќе го побара конзулското место. При одбивањето на нападот од Тарквин доби седум рани на телото.

Менениј

И една на вратот и две кај бедрото. Има девет, колку што знам.

Волумнија

Пред последниов поход, имаше дваесет и пет рани на себе.

Менениј

Сега има дваесет и седум: Секоја рана е по еден гроб непријателски.
(Се слушаат извици и труби.)
Слушајте, труби!

Волумнија

Ова се гласниците на Марциј: пред себе тој викотници носи, зад себе остава солзи; смртта, духот темен, во силната рака му рее, кога ќе се спушти, удира, мажи тогаш мреат.
(Звуци на труби. Влегуваат војсководецот Коминиј и Тит Ларциј. Помеѓу нив е Кориолан овенчан со дабов венец. Капетани, војници и еден гласник.)

Гласникот

Знај, Риме, дека сосем сам се бореше Марциј во сидините Кориолски: кајшто се здоби славно, со име до своето Кај Марциј,
си почесното надиме Кориолан.
Добредојде во Рим, јунаку Кориолан!
(Звуци на труби.)

Сите

Добредојде во Рим, јунаку Кориолан!

Кориолан

Доста со ова; срцево ми се навредува.
Доста, ве молам.

Коминиј

Еве ја, господине, мајка ви.

Кориолан

О!
Знам дека сите богови си ги молела милно
за мојот успех.
(Клекнува.)

Волумнија

Не клечи војнику мој, стани;
вреден мој Марциј, убав мој Кај
по славните дела новонаречен сега-
Како беше?- Кориолан, така да те викам?
Но, о, жена ти-

Кориолан

Тишино моја величенствена, здраво!
Дали ќе се смееше во ковчег да си дојдев дома
штом плачеш кога во триумф идам? Ах, мила,
вдовиците во Кориол имаат такви очи
и мајките останати без чеда.

Менениј

Боговите те крунисуваат сега!

Кориолан

Уште си жив? *(На Валерија)* О госпоѓо, мила,
простете ми.

Волумнија

Незнам каде да се свртам: добредојдовте дома!
Добродојдовте војсководецу; и сите вие.

Менениј

Сто илјади добредојдиња. И ми се плаче,
и ми се смее, весел сум и тажен. Добро ни дојде!
Клетва да го удри право в срце оној
што на враќањето не ви се радува! Вас тројца
Рим треба да ве обожува: сепак, жими човечката вера,
имаме дома и неколку јаболкници диви што тешко
можат да се накалемат по ваш вкус. Сепак добро
ни дојдовте, воини! Копривата коприва ја викаме,
а грешките на будалите, лудост.

Кoминиј

Секогаш си во право.

Кориолан

Секогаш Менениј, секогаш.

Гласникот

Од патот тргнете се, напред!

Кориолан

(На Волумнија и Вирѓилија.) Дај ми рака, и ти!
Пред главава да ја скријам во куќата наша,
морам да ги посетам патрициите добри,
од кои не примив само добредојде топло
туку и почести многу.

Волумнија

Дожиевав
да ги видам остварени сите мои желби,
и градби на мојата вообразба: само
едно ми недостасува, кое, сигурна сум,
Рим недвосмислено ќе ти го даде.

Кориолан

Знај, добра мајко,
поарно да бидам слуга на мој начин,
одошто владар на нивен.

Кoминиј

Напред, кон Капитол.
(Труби. Рогови. Излегуваат во поворка како

што дошле. Брут и Сициниј излегуваат напред.)

Брут

Сите зборуваат за него, а кусогледите
стават очила да го видат. Доилката збор-
леста
со радост го остава бепчето да плаче
и за него говори. Куварката ја врзува
најраскошната престилка на вратот мрсен,
и по sидови се качува да го види; по тезгите, излозите
кепенците, покривите, симсовите врие, виси
на нив најразличен народ, сите желни
убаво да го видат. Свештеници видени ретко
се туркаат сред простачките маси, во обид
да фатат што подобро место. Дами под превез
остават војна бело-црвена да се води
на напудрените им образи пред блудниот напад
од врелите бакнежи на Феб. Метеж голем,
небаре богот негов што недвојбено го води
најпритворно му се мушнал под човечките моќи
и го придвижил дивно.

Сициниј

Се кладам
веднаш ќе стане конзул.

Брут

Тогаш службава наша,
дури тој е на власт, ќе спие.

Сициниј

Тој не може подеднакво да ја носи честа
од почеток до крај, туку, тврдам.
и таа што ја има ќе ја загуби.

Брут

Утешно.

Сициниј

Верувај
плебејците, што стојат зад нас, на мал повод
поради стариот омраз, почестите нови
ќе му ги забораваат; а, сигурен сум, бргу
ќе им го даде каков што е возгорд
и неприспособлив.

Брут

Го чув како се колне,
ако го кандидираат за конзул, никогаш нема
на плоштад да се појави, носејќи ја на себе
бедната тога на понизност; покажувајќи ги
(како што е обичај) раните свои
на народот, молејќи за гласот нивни смрден.

Сициниј

Точно.

Брут

Така рече. О, порадо би се откажал тој
одошто да ја носи освен племството ако
не го замоли и патрициите.

Сициниј

Боговите ги молам
да не се предомислува и токму вака
да направи.

Брут

Најверојатно така ќе биде.

Сициниј

За него тоа, како што сакаме и сами,
ќе биде сигурно пропаст.

Брут

Значи мора ова
да го снајде или од власта нема ништо.
затоа на плебејците да им говориме треба
колку тој ги мрази и дека, кога ќе може,

во мазги ќе ги претвори, и без трибуни
од слободата ќе ги лиши; сметајќи дека
за човечки суштества и сите добра
имаат душа и надлежности на светот
помалку од камилите бојни, кои се арни
само за носење товар, и удари болни
кога под него ќе клапнат.

Сициниј

Ќе го раширime ова
во погодно време кога лошотилакот надут
народот ќе го навреди-а на ова е лесно
да го подбоднеме како што е лесно
пцките на овците да ги нафрчиме-а оганот
овој
ќе им ја запали потпалата сува; па пламенот
нивни
ќе го гламноса за навек.
(Влегува гласник.)

Брут

Што се случува?

Гласникот

Ве викаат на Капитол. Се вели
дека Марциј ќе стане конзул.
Видов како глувите се туркаат да го видат,
а слепите да го слушнат. Велмошките ракавици
фрлаа по него, госпоѓите и момите шалови
и шамивчиња кога врвеше; велможите му се клањаа
небаре е кипот на Јупитер, а плебејците грмеж
правеа и пороj од извици и капи. Вакво нешто
никогаш не сум видел.

Брут

Да одиме на Капитол,
со ушите и очите кон овој настан,
но со срцата кон целта наша.

Сициниј

Одиме, ајде.
(Излегуваат.)

Сцена 2[18]

(Влегуваат двајца сенатски службеници да наместат седишта на Капитол.)

Првиот службеник

Брзни, брзни, само што не стигнале. Колкумина се кандидирани за конзул?

Вториот службеник

Велат тројца; ама сите мислат дека Кориолан ќе биде избран.

Првиот службеник

Храбар човек; ама лош е од мерата надвор и не го сака простиот народ.

Вториот службеник

Навистина имало многумина големи луѓе што им ласкале на народот којшто никогаш не ги сакал, а имало и многумина што ги сакал без да знае зошто: значи ако сака без да знае зошто, може без поголема причина и да мрази. Според тоа, ако Кориолан не бери гајле дали го сакаат или мразат само покажува дека добро им го знае ујот и од чисто благородна немарност им дозволува ова јасно и да го видат.

Првиот службеник

Ако не му е гајле дали го сакаат или мразат, тогаш би бил сосем рамнодушен дали им прави добро или зло; но тој ја бара нивната омраза поревносно одошто тие можат да му ја дадат и прави сé за да им покаже дека токму тој им е противник. Да си ги бараш со боринче омразата и несакањето на народот е исто така лошо како со ласкање да ја придобиваш нивната љубов, работа што тој од душа ја мрази.

Вториот службеник

Големи заслуги има тој за татковината; и издигнувањето негово не беше така лесно како на оние кое со ласки и учтиви зборови му се потпикнуваа на народот без да направат нешто друго со кое ќе ги заслужат неговото внимание и почит. Ама тој до толку ја вкорени сопствената слава во нивните очи, а делата во нивните срца што би била срамна неблагодарност доколку не ги затнат муцките и не му признаат. Ако зборуваат поинаку, тоа би била чиста злоба, која, кога ќе премине во лага, ќе ја добие осудата и прекорот од секој што ќе ја чуе.
(Труби. Влегуваат патрициите и трибуните со ликтори пред себе; Кориолан, Менениј, конзулот Коминиј. Сициниј и Брут седнуваат до нив; Кориолан стои.)

Менениј

Бидејќи веќе решивме за Волшчаните
и абер им пративме по Тит Ларциј, сега
главна точка на седницава втора,
е да ја наградиме благородната служба
на оној што за земјата се бореше славно.
Затоа ве молам, благородни достојници,
да го поканите сегашниот конзул, војсководецот
наш во скорешниов успех, да ни каже
нешто за големото дело што го стори
Марциј Кај Кориолан, за кого
сме овде собрани да му оддадеме почест
и благодарност што му ги должиме.
(Кориолан седнува.)

Првиот сенатор

Говори, Коминиј добар.
Не крати ништо поради должината, убеди нé
дека државава ни е понемоќна од што сме волни
него да го наградиме. *(На трибуните)*
Водачи народни,
барам внимателно да слушате, за потем
највлијателно да го пренесете кај сиот народ
она што овде ќе се реши.

Сициниј

Ние сме тука

за разумен договор, со срца склони
да го прифатиме и пренесеме чесно
овде решеното.

Брут

И посреќни дури
ова да го сториме, ако тој сепак
научи повеќе да ја цени вредноста
на народот одошто до сега.

Менениј

Ова не ти е на место, не ти е!
Поарно да не отворевте уста. Ќе може
Коминиј да го чуеме?

Брут

Мошне радо;
но моето предупредување беше по на место
од прекорот за него даден.

Менениј

Тој го сака вашиот народ,
ама не терајте го да спие со него.
Ценет Коминиј, говори.
(Кориолан станува и сака да си оди.)
Да не си мрднал!

Првиот сенатор

Седи, Кориолан: не срами се да слушаш
за делата славни што ги стори.

Кориолан

Благородства, простете:
поарно ми е повторно раните да ги лечам
одошто да слушам како сум ги сдобил.

Брут

Се надевам, господине,
дека не бегате од зборовите мои.

Кориолан

Не, господине, иако често,
пред удари сум останувал а од зборови сум бегал;
не ми ласкавте, значи не ме повредивте: а народот
ваш го сакам колку што вреди-

Менениј

Те молам, седи.

Кориолан

Поарно некој да ми јачеша главата на сонце
кога ќе затрубат за бој, одошто вака да шлаам
слушајќи како од мравка ме прават слон.
(Излегува Кориолан.)

Менениј

Водачи народни,
како може тој на шареният ваш плебс да му ласка,
во кој еден на илјада е добар кога е јасно
дека цело тело би го жртвувал за честа
а ни едно уво за неа да слуша? Продолжи,
Коминиј.

Коминиј

Не ќе ме додржи гласот. Делата на Кориолан
не треба тивко да се кажат. Се смета
дека храброста е најглавната доблест
и најдостоинствен имателот го прави: Ако
е така, на човекот за кого говорам, на светот
му нема рамен. На шеснаесетгодишна возраст,
кога Тарквин тргна на Рим, пред сите
тој се бореше; нашиот тогашен владар,
кого со сета почит го споменувам, го виде
како голобрад[19] воини со бради
пред себе гони; еден Римјанин кутнат
тој го опчекори и пред очите на самиот конзул
тројца противници уби; со Тарквина се

сретна
и на колена го падна. Во борбите тогаш,
кога уште можеше да глуми женско на сцена,
се покажа како најдобар воин, и со венец
дабов за храброста беше овенчан. Детството
со мажество започнувајќи го, ко океан
растеше, и во цели седумнаесет битки
оттогаш, другите од венецот ги лиши. А за сега,
пред и во Кориол, дозволете ми да кажам,
зборови ми недостигаат. Бегството го сопре,
и низ редок пример го претвори стравот
во обична шега; ко алги што се веднат
пред едрилица, така послушни луѓето беа
и му се свиваа пред клунот: мечот негов,
мур на смртта, маваше, сечеше; од глава
до петици сиот беше во крв, и секој придвиг
со смртни крици беше проследен: сам тој влезе
низ кобните градски порти и косеше крвав
ко судбина неизбежна, па излезе без помош,
и со ненадејно засилување на Кориол удри
ко небесна чума. И сé му падна в раце;
но кога метежот воен повторно му стигна
до слухот воинствен, со удвоен дух тој веднаш
снагата ја окрепи и уморното тело,
и во нова битка тргна, кајшто на помин,
испарувајќи со крв, газеше живи луѓе,
небаре роден за вечен колеж; и дури
градот и бојот не ги добивме, ни еднаш
не подзастана да здивне.

Менениј

Храбар човек.

Првиот сенатор

И достоен за честа
што му ја даваме.

Коминиј

Го отфрли тој пленот,
а на скапоценостите гледаше небаре гази
врз буништето на светот. Тој помалку бара
од малкуто сиромаштијата што го дава,
делата свои
правејќи ги, ги наградува, а задоволен е што време
потрошил да ги стори.

Менениј

Вистински благородник.
Нека го викнат.

Првиот сенатор

Викнете го Кориолан.

Службеникот

Веќе иде.
(Влегува Кориолан.)

Менениј

На Сенатот, Кориолан, голема му е чест
да те стори конзул.

Кориолан

Нему му припаѓаат
животов мој и мојата служба.

Менениј

Останува уште
со народот да зборуваш.

Кориолан

Од срце ве молам,
адетов да го прескокнеме; зашто не можам,
тогата да ја носам, гол под неа, и да ги молам
за атер на раните, да ми дадат подршка.
Молам
овој чин да го одбегнам.[20]

Сициниј

Господине, народот
мора да чуе; ни педа, ви велам,
од ова нема да отстапат.

Менениј

Не бунтувајте го народот.
Те молам не отстапувај од адетот, прифати ја
честа, исто ко претходниците твои, во ваква форма.

Кориолан

Тоа е ролја
што со срам ќе ја одиграм, а би било добро народот да не ја практикува.

Брут

(На Сициниј) Чувте добро, не?

Кориолан

Пред нив да се фалам, вака-онака сум сторил,
да им ги покажувам залечените лузни место да ги кријам, небаре сум ги здобил за гласот нивен да го купам!

Менениј

Приспособи се, сепак.
А вие, трибуни, препорачајте го кај плебсот, предлогот наш; а на благородниот ни конзул да му посакаме среќа и чест.

Сенаторите

Секоја среќа и чест на Кориолан!
(Труби. Излегуваат сите освен Сициниј и Брут.)

Брут

Гледаш што намери има со сиротиот народ?

Сициниј

Само нека намерата му ја проврат! Гласот ќе им го бара,
ќе ги моли, верувам самиот ќе се мрази што моленото само тие можат да му го дадат.

Брут

Ајде да им кажеме
што е овде решено; на плоштадот сега кајшто, знам, не́ очекуваат.

Сцена 3[21]

(Влегуваат седум-осум граѓани.)

Првиот граѓанин

Значи, ако ги побара нашите гласови, не треба да го одбиеме.

Вториот граѓанин

Можеме, господине, ако сакаме.

Третиот граѓанин

Во нас имаме моќ тоа да го сториме, но тоа е моќ за која немаме моќ да ја употребиме. Бидејќи, ако ни ги покаже раните и ни ги раскаже делата, ќе треба јазиците в рани да му ги пикнеме и за нив да говориме. Значи ако ни ги каже благородните дела, ние исто мораме благородно да ги прифатиме. Неблагодарноста е чудовиште, а доколку народот е неблагодарен, тогаш чудовиште е и народот; а бидејќи ние му припаѓаме на тој народ, би испаднале чудовишни припадници.

Првиот граѓанин

А не треба многу така за нас и да се мисли: оти кога се кренавме за житото, тој воопшто не се снобеше да нé нарече многуглава толпа.

Третиот граѓанин

И други така нé нарекувале; не дека на некои од нас главите им се костенливи, црни, руси,[22] ќелави, туку затоа што умовите ни се многу различни; и навистина мислам, да излезат сите наши умови од еден череп, ќе се разлетаат на исток, на запад, на север и на југ, и само во едно би се сложиле: да полетаат истовремено на сите страни на светот.

Вториот граѓанин

Така мислиш? Тогаш кажи ми, на која страна ќе ми летне умот?

Третиот граѓанин

А не, твојот нема така лесно да летне како на некој друг; тој е речиси сраснат со твојата тврда тимба: но ако се ослободи, сигурно ќе полета на југ.

Вториот граѓанин

Зошто баш на југ?

Третиот граѓанин

Да се загуби во маглата, во која, бидувајќи три четвртини стопен во нечисти роси, со четвртата ќе се врати поради совеста, да ти помогне да најдеш жена.

Вториот граѓанин

Само знаеш да се мајтапиш, ако, ако.

Третиот граѓанин

Дали сите сте решени да му ги дадете гласовите? Тогаш не е ни важно, мнозинството победува. Велам, да е тој со народот, ќе нема подобар човек од него.
(Влегува Кориолан во тога на понизноста заедно со Менениј.)
Еве го, иде облечен во тогата на понизноста: внимавајте како се однесува. Не треба да ни приоѓа групно, туку посебно да му приоѓаме, по еден, двајца, максимум тројца. Секој од нас треба да биде замолен, зашто секој така ќе добие чест да му го даде својот глас поединечно од сопствената уста. Затоа, идете по мене, па ќе ви кажувам како да му приоѓате.

Сите

Добро, добро.
(Излегуваат граѓаните.)

Менениј

О, господине, не си во право. Зарем не знаеш дека најодличните истото го правеле?

Кориолан

И што треба да велам?
"Ве молам, господине,"-Молња да ве удри! Не ми може
јазикот вака да чекори. "Гледајте, господине, ова
ми се раните! Ги добив служејќи на татковината,
кога мнозина од вас во панична бегаа треска
пред звукот од барабаните наши."

Менениј

Богови мои, помош!
Не смееш така да им зборуваш; по говорот треба
добро да те помнат.

Кориолан

Да ме помнат? Нека се гонат!
Сакам да ме забораваат, како и доблестите
на кои свештениците цел век ги учат.

Менениј

Сé ќе оплескаш!
Те оставам сега. Те молам, зборувај им умно, паметно, те молам.
(Влегуваат тројца граѓани.)

Кориолан

Кажете им лицата да си ги измијат,
и забите да ги држат чисти. Еве идат двајца.
Знаете, господа, зошто стојам овде?

Третиот граѓанин

Знаеме, господине. Но сепак кажете ми што ве донесе тука.

Кориолан

Моите заслуги.

Вториот граѓанин

Вашите заслуги?

Кориолан

Да, ама не и мојата желба.

Третиот граѓанин

Како мислите, не и вашата желба?

Кориолан

Така, господине. Никогаш не ми била желба да просам од сиромасите.

Третиот граѓанин

Сфатете, ако нешто ви дадеме, ќе бараме за тоа и да ни се оддолжите.

Кориолан

Добро, тогаш, која е вашата цена за конзулството?

Првиот граѓанин

Цената е учтиво да замолите.

Кориолан

Учтиво, ве молам, господине да ми го дадете. Имам и рани да ви покажам, ама ќе ги видите само на само. Молам за вашиот глас, господине. Што велите?

Вториот граѓанин

Го имате, благороден господине.

Кориолан

Договорено, господине. Веќе испросив два добри гласа. Ви благодарам за милоста: збогум!

Третиот граѓанин

Ама е ова некако чудно.

Вториот граѓаниин

Ќе види вторпат да даваме-ама сега не е важно.
(Излегуваат тројцата граѓани. Влегуваат други двајца.)

Кориолан

Ве молам, ако не ви пречи премногу, да станам конзул. Еве, ја носам вообичаената наметка.

Четвртиот граѓанин

Благородни заслуги имате за татковината, а и немате.

Кориолан

Што сакате да кажете?

Четвртиот граѓанин

Бевте камшик за нејзините пријатели, но бевте и остен за нејзините пријатели; никогаш не сте го сакале простиот народ.

Кориолан

Тогаш сметајте ме за уште поблагороден што не сум бил прост во љубовта. Јас, господине, ќе му ласкам на побратимот мој, народот, за повеќе да ме цени; таа постапка народот ја смета за благородна; а бидејќи мудроста на нивниот избор ми ја сака паларијата а не срцето, ќе се вежбам во подлизурско клањање и ќе им приоѓам најпритворно; односно, господине, ќе ги подражавам чинките на мнозина демагози и широкоградо ќе ги давам на желителите. Затоа, ве молам да станам конзул.

Петтиот граѓанин

Се надеваме дека ќе ни станете пријател, затоа ви ги даваме гласовите од срце.

Четвртиот граѓанин

Добивте многу рани за татковината.

Кориолан

Нема да го потврдувам вашето знаење со докази. Многу ќе ги ценам вашите гласови и повеќе нема да ви здодевам.

Обајцата

Од срце ви посакуваме, господине, боговите да ви дадат среќа.
(Излегуваат двајцата граѓани.)

Кориолан

О, гласови најслатки!
Поарно да гладуваш, поарно е да умреш,
одошто за веќе заслужената награда да молиш.
Зошто да стојам овде, во волчјава тога
и од ојлевци-дојлевци понизно да ги барам
гласовите непотребни? Адетот на ова ме тера.
Но ако сé правевме адетот како што сака
правот на древните времиња неизбришан ќе лежи
а грешката ко планина на куп ќе се збере
вистината затскривајќи ја. Место шутрак
овде да изигрувам, поарно чинот и честа
на друго шутрачиште да ги отстапам. Но веќе
половина работа свршив, штом издржав толку
ќе издржам до крај.
(Влегуваат уште тројца граѓани.)
Еве уште гласови.
Гласовите наши! За гласовите ваши се борев,
бдеев за гласовите ваши; за гласовите ваши, трпев
ранувања преку дваесет; трипати по шест

битки
сум видел и чул; за гласовите ваши многу
нешта сум сторил, големи и мали: гласовите ваши
дајте ми ги! Сакам да сум конзул.

Шестиот граѓанин

Благородни дела сторил, и не треба да
замине без гласот на секој чесен граѓанин.

Седмиот граѓанин

Затоа нека биде конзул. Боговите нека му
дадат среќа и нека го сторат добар пријател
на народот!

Сите

Амин, амин. Господ да те варди, благороден
конзуле!
(Излегуваат тројцата граѓани.)

Кориолан

Вредни гласови!
(Влегуваат Менениј, Брут и Сициниј.)

Менениј

Го издржа одреденото време, па трибуните
ти го даваат гласот на народот; уште
останува, со свечените ознаки, таму
да дојдеш во Сенатот.

Кориолан

Готово е со ова?

Сициниј

Адетот на молење ти веќе го сврши.
Народот те прифаќа, па повикан си сега
изборот да ти се потврди.

Кориолан

Каде? Во Сенатот?

Сициниј

Таму, Кориолан.

Кориолан

Смеам да се преслечам?

Сициниј

Се разбира, господине.

Кориолан

Тоа веднаш ќе го сторам; и штом себеси пак
се познаам, веднаш идам в Сенат.

Менениј

И јас доаѓам со тебе. Сакате и вие?

Брут

Ние овде ќе го дочекаме народот.

Сициниј

Збогум.
(Излегуваат Кориолан и Менениј.)
Најпосле го има; а по изгледот, ми се чини
топло му е на срце.

Брут

Ги носеше тој со горделиво срце
знациве на понизноста. Ќе го распуштиш
народов?
(Влегуваат плебејците.)

Сициниј

Што е пријатели, го избравте ли?

Првиот граѓанин

Ги доби нашите гласови, господине.

Брут

Да дадат боговите и вашата љубов да ја стекне.

Вториот граѓанин

Амин, господине. Колку што можев да видам, ни се потсмеваше кога молеше за гласовите наши.

Третиот граѓанин

Јасно е дека отворено не исмеваше.

Првиот граѓанин

Не, тоа е само негов начин на говор. Не нé исмеваше.

Вториот граѓанин

Ниеден меѓу нас, освен тебе, не вели
дека не ни се потсмевал: требаше да ни ги покаже
лузните, раните за татковината што ги добил.

Сициниј

Сигурно тоа го сторил.

Сите

Не, не, никој не ги виде.

Третиот граѓанин

Рече дека имал рани што ќе ги покаже на само;
и мавтајќи со паларијата во презир
"Сакам да сум конзул," велеше тој; "но древниот адет
не допушта без гласовите ваши: затоа гласовите дајте ми ги." Кога му ги дадовме, рече, "Ви благодарам за гласовите, фала; вашите најслатки гласови: Тоа од вас го барав
сега мавнете ми се." Зар ова не беше подбив.

Сициниј

Па или на очи бевте слепи и невидовте,
или, видувајќи го ова, со детинска арност
сте му ги дале.

Брут

Зошто никој не му го рече
она од нас кажаното? Без моќ кога беше,
најобично службениче во државава наша,
непријател ви беше, постојано нафрчен против
слободите ваши и права дадени од власта; а сега
кога дојде на власт, на државното чело,
ако сé уште остане злобно
душман број еден на плебејците, гласовите тогаш
ваши може за вас да се кобни. Требаше да му се каже
ова: како што славните дела му даваат право
да го бара саканото место, така благородната душа
треба да мисли на вас ако гласови сака, и
злобата кон вас да ја претвори во љубов,
станувајќи ви добар господар.

Сициниј

Да му речевте вака,
како што ве подучивме, ќе му го допревте духот
и ќе му ја обидевте склоноста: ќе извлечевте од него
или ветување љубезно, со кое, во случај на потреба
ќе го држевте в раце или серт-ујот
ќе му го огорчевте којшто лесно
не поднесува условувања и пранги
што го обврзуваат; вака навлечен да збесне,
ќе ја искористевте предноста над гневот
и изборот ќе му пропаднеше.

Брут

Зарем гледавте
страсно да ве моли низ отворен презир
кога љубовта му требаше ваша; не мислејќи

дека презирот негов безмислосно ќе ве толчи
кога ќе биде моќен да удри? Зарем нема ниеден маж меѓу вас? Да не бевте фатени во зборот
па гласавте против сувереноста на умот?

Сициниј

Зарем
до сега не сте одбивале молители, а сега, оној што не ве молеше туку ве презираше брзо-брзо го избравте?

Третиот граѓанин

Изборот не му е потврден. Можеме да го одбиеме.

Вториот граѓанин

И ќе го одбиеме!
Јас има петстотини гласови за ова.

Првиот граѓанин

Јас двапати по петстотини, плус пријателите нивни.

Брут

Одете веднаш од овде и кажете им на пријателите
дека избрале конзул што од нив ќе ги земе слободите а самите нив болно ќе ги сведе на пци што често ги тепаат оти лајат иако се чувани за да лајат.

Сициниј

Нека се соберат сите;
и, по сериозно расудување, нека го отповикаат
погрешниот избор. Неговата гордост
и старата омраза кон вас истакнете ги. Со колкав
презир, кажете, ја носеше понизната тога, како молејќи, ве исмеваше; но љубовта ваша,
заблудана по заслугите негови, ве спречи да размислите за сегашниот му став добро, којшто, најподбивно, за резил ваш, го скрои според омразата стара што кон вас ја котка.

Брут

Сета вина
врз нас, трибуните, фрлете ја: дека сме работеле
и покрај приговорите, токму него
да го изберете.

Сициниј

Речете дека сте го избрале
по наша заповед а не водени според сопствените чувства; и дека умовите ваши обземени со она што мора да се стори
а не она што треба, ве навеле, против волја, да го изберете за конзул. Вината врз нас фрлете ја.

Брут

Да, не штедете нé. Речете како
сме ве учеле колку млад тој за земјата се борел,
колку долго, од каква потекнува лоза-благородниот дом на Марциевци; од коишто потекнува Анко Марциј, син на ќерката од Нума,
кој поголемиот Хостилиј ни бил крал овде;
од истиот дом Публиј и Квинтиј беа,
кои со цевки ни донесоа најдобра вода;
а и Цензорин, со право наречен така зашто двапати бил избран за цензор беше негов предок.

Сициниј

Човекот со потекло вакво,
што за татковината и лични заслуги има,
достигања за високо место, ви го препорачавме ние
да не го заборавите; но вие сте нашле,
мерејќи го сегашниов со минатиот однос,
дека е ваш заколнат непријател, па затоа
пренагледниот избор го повлекувате.

Брут

Речете никогаш не би сториле вака-
и ова постојано истакнувајте го- да не сме ве
терале ние; и веднаш, штом соберете луѓе,
тргнете кон Капитол.

Сите

Сигурно. Речиси сите
се каат за изборот.
(Излегуваат плебејците.)

Брут

Нека одат;
поарно со бунтов работава да ја ставиме на
коцка
одошто да чекаме, многу поопасна да стане.
Ако тој, каков што го дал господ, збесне
поради одбивањето нивно, ќе гледаме само
и гневот ќе му го искористиме.

Сициниј

На Капитол, ајде:
ќе стигнеме таму пред реките народ;
така ќе изгледа, ко делумно и што е, дека
бунтов
од нас подбоднат, е нивен.
(Излегуваат.)

Чин ТРЕТИ

Сцена 1[23]

(Рогови. Влегуваат Кориолан, Менениј,
сите патрициии, Коминиј, Тит Ларциј и други сенатори.)

Кориолан

Тул Ауфидј, значи, нова војска собрал?

Ларциј

Да, господине; од таа причина толку бргу
договор склучивме.

Кориолан

Значи Волшчаните повторно стојат ко
напред,
спремни штом ќе им се укаже прилика
згодна
да нé нападнат.

Коминиј

Исцрпени се, конзуле, значи
тешко пак ќе ги видиме дури сме живи
со развиорени барјаци.

Кориолан

Го виде Ауфидиј?

Ларциј

Дојде откако безбедност му заемчив, и сето
време ги пцуеше Волшчаните што срамно
го предале градот. Во Анциум е сега.

Кориолан

Ме спомна мене?

Ларциј

Да, господине.

Кориолан

Што спомна? Што рече?

Ларциј

Колкупати те сретнал, меч со меч на мегдан,
дека од сите на земјата најмногу тебе
те мрази; дека сето богатство би го дал
и тоа неповратно, само за да стане
победник над тебе.

Кориолан

Во Анциум, рече е сега?

Ларциј

Во Анциум.

Кориолан

Камо да имав причина да го побарам таму
на омразата да му се спротивставам. Добре
дојде дома.
(Влегуваат Сициниј и Брут.)
Гледајте, трибуните народни се ова,
јазиците плебејски. Навистина од нив ми се
гади:
оти до толку се прчат во власта своја
што секој велможа се срди.

Сициниј

Тука сопри.

Кориолан

Што е? Што сега?

Брут

Опасно е да продолжиш. Тука сопри.

Кориолан

Од каде променава?

Менениј

Што е?

Коминиј

Па зарем не е избран од сите?

Брут

Не е, Коминиј.

Коминиј

Да не ме гласаа деца?

Првиот сенатор

Трибуни, тргнете се: на плоштад оди.

Брут

Луѓето се нафрчени на него.

Сициниј

Стој,
или општа буна ќе се крене.

Кориолан

Да не се стока?
Зарем гласаат луѓе кои сега се за
а веднаш потоа против? Зошто сте вие?
Усти им сте, што не владеете со јазиците нивни?
Да не ги нас'скавте сами?

Менениј

Смири се, смири се.

Кориолан

Уjдурми, уjдурми, заговор врзан
за да се заузди волјата на племството:
ако пројдат, ќе живееме со луѓе што не знаат
ни да владеат ни на власта да се повинат.

Брут

Не викај го ова заговор.
Народот вика дека си му се потсмевал; а и скоро,
кога џабе им се делеше жито, ти се побуни,
ги клеветеше народните молители, ги нарече
превртливци, ласкачи, душмани на племството.

Кориолан

Па тоа им беше познато и тогаш.

Брут

Не на сите.

Кориолан

А дали ти ги извести?

Брут

Што? Јас да ги известам?

Коминиј

Тоа е твоја работа.

Брут

И да е
поарна е од твојата.

Кориолан

Зошто тогаш јас да бидам конзул? Тогаш,
жими оние облаци, треба да сум без заслуги
како тебе па да ти станам во трибунството
другар.

Сициниј

Ти покажуваш многу од она
што народот го навредува. Ако појдеш
кај што си тргнал, мора на патот да се
вратиш
од кој што си скршнал, со дух посмерен,
или никогаш не ќе се кренеш до конзул
ни со него ќе се здружиш ко трибун.

Менениј

Да се смириме.

Коминиј

Народот е злоупотребен, подбуцнат. Оваа
подлост
не доликува на Рим; ниту пак Кориолан
ја заслужил пречкава срамна, поставена
подло
на чистиот пат на неговите заслуги.

Кориолан

Ми говори за житото!
Тоа што го реков, пак ќе го кажам.

Менениј

Не сега, не сега.

Првиот сенатор

Не вака гневен, не сега.

Кориолан

Сега, жими животов. Благородните пријатели
ги молам за прошка.
Неблагородните смрдливци сакам без ласки
да ме гледаат како и себеси. Повторно
велам,
со тоа што им излегуваме во пресрет, против
Сенатот коткаме кукол бунтовен,
непослушен, пргав,
што сами го посадивме, ожнивме и расадивме
мешајќи ги нив со нас, благородното племство
кое има доблест, да, има моќ но веќе го нема
она што на просјаците им го даде.

Менениј

Добро, доста.

Првиот сенатор

Доста зборови, те молам.

Кориолан

Доста? Зошто доста?
Ко што за земјава ја пролеав крвта своја
бестрашен пред душманот надворешен, и
градиве така
зборови ќе коваат дури не згнијат пред
чумосаниве
од лепра, од чија зараза се ежевме, а сега
одличен пат ѝ отворивме.

Брут

Говориш ти за овој народ
небаре си бог што казнува, а не човек
со сите слабости како нив.

Сициниј

Добро би било
народот да знае за ова.

Менениј

Што? Зар не гледаш колку е гневен?

Кориолан

Гневен!
Да сум смирен ко полноќна дремка,
жими Јупитер, истото би го рекол!

Сициниј

Полн си отров
што само во твојот збор мора да остане
и не смее натаму да се шири.

Кориолан

Мора да остане!
Го слушате овој дудук трибунтовен? Го чувте
неговото заповедничко "мора"?

Коминиј

Уште немате право.

Кориолан

"Мора!"
О, добри ама немудри патриции; зошто,
о, сериозни но небрежни сенатори, така
ѝ дозволивте на Хидрата да плетка во власта,
со своето тиранско "мора", иако само
рог и крик на тој звер, бездушно и дрско
да каже дека реката во јаз ќе ја сврти
и коритото ќе ви го земе? Ако таква моќ има,
тогаш доволно повинете се; ако ја нема,
разбудете се од опаснава спија. Ако сте мудри,
будали не бидете; ако не сте, тогаш
крај вас нека седат. Плебејци ќе сте вие
а тие сенатори и тоа не помали кога
гласовите ќе ви се измешаат, и вкусот нивен
ќе превлада. Ќе изберат тие свој човек
некој како овој овде, којшто ќе рече "мора"
она плебејско "мора" против сериозниов
собир
каков што никогаш Грција немала. Жими Јупитер,
вака се омаловажуваат конзулите; душава ме боли
оти знам дека при постоење на две власти
ниедна врховна, многу брзо хаос
навлегува во процепот меѓу нив и двете
ги потопува.

Коминиј

Одиме на плоштад!

Кориолан

Тој што дал таков совет, да се дава жито
од амбарите џабе, ко што било
некогаш во Грција-

Менениј

Добро, добро, доста за тоа.

Кориолан

Иако таму во народни раце била власта-
велам тие хранат непослушност, го хранат
распадот на земјава.

Брут

Зошто плебсот да му даде
глас на оној што вака зборува?

Кориолан

Причини има многу
и тоа повредни од гласовите нивни. Знаат
дека житото не се дава за нешто
што не го заслужиле; повикани во војна,
кога сржта на државава загрозена беше,
не сакаа до капии да дојдат: за ваква служба
не се добива жито џабе. Кога се отвори војна,
креваа буни и востанија, а најхрабрите
одбиваа и да го спомнат. Оптужбите
што често ги креваа против Сенатот,
без никаква основа, никако не можат да

бидат повод
за оваа великодушност. Па, што тогаш?
Како овој мнгуглав звер ќе ја сфати
широкоградоста на Сенатот? Нека делата кажат
дека не би рекле, "Ние, ние баравме
оти мнозинство сме бројно, а тие во уплав
ни ги исполнија барањата." Ја понижуваме така
сушноста на нашите седишта, давајќи на овие орди
грижата наша страв да ја нарекуваат; што со време
ќе ги отвори бравите на Сенатот за внатре
врани и орли да вијат.

Менениј

Доста, доста.

Брут

Не доста, премногу.

Кориолан

Не, еве ви уште!
Се колнам во сé живо и диво дека е точно
ова со кое ќе завршам! Таа власт двојна,
во која едните со причина презираат, а другите
навредуваат од чист мир, во која мудроста и рангот
за ништо не решаваат туку согласноста само
на глупата толпа, таа власт она што е главно
сигурно ќе го пропушти и постојано ќе квачи
матни ситници. Вака спречена целта, следи
дека ништо целесообразно нема да се прави.
Затоа ве молам вас уплашени помалку
одошто мудри, што повеќе ги сакате темелите
на државата одошто треперите пред нивната смена;
што повеќе сакате благороден од долг живот,
и што за телото сакате опасен илач место
сигурна смрт без него-искорнете го еднаш
јазикот на толпата: да не го лижи веќе
благото што за неа е отров. Бесчесноста ваша
го сакати вистинскиот суд и државата ја лиши
од единственото што беспоговорно ѝ е нужно
и остана без моќ доброто да го стори
спречена од злото што ја толчи.

Брут

Доволно беше.

Сициниј

Зборуваше како предавник и како таков
ќе одговараш.

Кориолан

Беднику, преполн злоба!
Што ќе им се народот ќелави трибуни?
Поддржани од нив, не признаваат тие
ни цара ни господара. Во востание,
кога закон не е правото туку она што се мора
тие беа избрани. Во мир, како сега,
кажете што е право мора да е право,
па во прав моќта фрлете им ја.

Брут

Предавство јасно!

Сициниј

Зарем тој да биде конзул? Никогаш!

Брут

Едили[24], еј!
(Влегува еден едил.)
В затвор со него.

Сициниј

Оди викни го народот; *(Излегува едилот.)*
во чие име јас лично
те апсам како предавнички ајдук,
непријател на јавниот ред. Наредувам да се

повиниш
и за делото да одговараш.

Кориолан

Мрш, јарецу дртав!

Сите патриции

Ние емчиме за него.

Коминиј

Тргнете се, стар господине.

Кориолан

Бегај гаду валкан! Или коските
од алишта ќе ти ги истресам!

Сициниј

На помош, граѓани!
(Влегува толпа плебејци со едили.)

Менениј

Повеќе почит на обете страни.

Сициниј

Овој овде сака да ви ја земе сета власт.

Брут

Фатете го, едили!

Сите плебејци

Долу со него! Долу со него!

Вториот сенатор

Оружје, оружје, оружје!
(Сите се туркаат околу Кориолан.)

Сите

Трибуни! Патриции! Граѓани! Еј!
Сициниј! Брут! Кориолан! Граѓани!
Мир, мир, мир! Стојте! Стоп! Мир!

Менениј

Што се случува? Немам здив;
збрка, хаос, не можам да говорам. Трибуни,
кај народот! Кориолан, смири се!
Зборувај, добар Сициниј!

Сициниј

Слушни ме, народе, мир!

Сите плебејци

Да го чуеме нашиот трибун. Мир! Зборувај!
Зборувај!

Сициниј

На работ бевте да ги загубите слободите;
Марциј сакаше да ви ги одземе, Марциј
кого неодамна го именувавте за конзул.

Менениј

Боже! Боже! Боже!
Вака се распалува, а не се гаси огнот.

Првиот сенатор

Вака градот се руши и ни прав не останува
ни пепел.

Сициниј

Што е градот ако не народ?

Сите плебејци

Така е,
градот е народот.

Брут

Со општа согласност на сите поставени
бевме
за претставници на народот.

Сите плебејци

Така е,
градот е народот.

Брут

Со општа согласност на сите поставени бевме
за претставници на народот.

Сите плебејци

Тоа и ќе останете.

Менениј

Изгледа така и ќе биде.

Коминиј

Ова е начин градот да се срамне,
покривот на темели да падне,
да се закопа сé што сé уште јасно стои
под купиштата урнатини.

Сициниј

Тој заслужува смрт.

Брут

Или дајте ни да ја извршуваме власта
или од неа лишете нé; му изрекуваме сега
ви име на народот со чија сила
сме избрани, смртна казна
на Марциј.

Сициниј

Затоа фатете го веднаш
одвлечкајте го до Тарпејската стена[25] и од таму
во провалијата турнете го.

Брут

Едили, фатете го!

Сите плебејци

Предај се, Марциј, предај се!

Менениј

Еден збор само,
ве молам, трибуни, еден збор само.

Едилите

Мир, мир!

Менениј

Бидете она што се чини, дека сте, верни
пријатели на земјата и кротко разгледајте го она
што силум сакате да го преправите.

Брут

Господине, тие патишта ладни,
што мудро помагаат, отровни се многу
кајшто болеста е моќна. Фатете го веднаш
и право кај стената.
(Кориолан го вади мечот.)

Кориолан

Не, овде ќе умрам.
Некои овде ме виделе како се борам:
ајде, пробајте го на себе виденото!

Менениј

Спушти го мечот! Трибуни, назад.

Брут

Фатете го!

Менениј

Помогнете му на Марциј! Помогнете му!
Благородници, помогнете му, и стари и млади!

Сите плебејци

Долу со него, долу со него!
(Во збркаѓа што настанува, трибуните, едилите и народот се победени. Тие излегуваат.)

Менениј

Оди, оди си дома: оди си, оди!
Инаку сé е изгубено.

Вториот сенатор

Оди веднаш!

Кориолан

Стојте цврсто.
Колку душмани и пријатели имаме толку.

Менениј

Зарем до таму да дојде?

Првиот сенатор

Боговите да не дадат.
Те молам, пријателе благороден, оди си дома:
остави нé нас да го сотреме злото.

Менениј

Ова е рана што не можеш
ти да ја исцелиш: оди си, те молам.

Коминиј

Ајде, господине, одиме заедно.

Кориолан

Камо да се варвари-како што се,
иако во Рим окотени; а не Римјани-како што не се,
иако отселени во предворјето на Капитол.

Менениј

Оди!
Немој оправданиот гнев да те втера во престап.
Твоето време ќе дојде.

Кориолан

На мегдан
четириесет од нив би победил.

Менениј

Јас би удрил
на најдобрите двајца: да, оние двајца трибуни.

Коминиј

Но сега надмоќта нивна е непресметлива;
а храброста е лудост кога ќе брани
јапија што се руши. Оди си, те молам
пред ордите да се вратат. Нивниот гнев,
ко препречена вода, го руши и носи
она што по навик го трпат.

Менениј

Оди си, темолам.
Јас ќе пробам дали стариов ум ми се бара
кај оние што воопшто го немаат: ова мора
да се закрпи со закрпа од која било боја.

Коминиј

Така е. Одиме.
(Излегуваат Кориолан, Коминиј и некои други.)

Еден патриций

Овој човек срекаата си ја прокоцка.

Менениј

По природа е преблагороден за светов.
Ни на Нептуна за трозабецот не би му ласкал,

ни на Јупитера за громот. Срцето му е на уста:
што градите ќе сковаат, јазикот го кажува гласно;
а кога ќе се налути, заборава веднаш
дека го чул името на смртта.
(Се слуша метеж од надвор.)
Сега скуваното ќе го кркаме!

Еден Патриций

Камо да се сега в кревет!

Менениј

Море камо да се в Тибар! Каква наглост,
не можеше ли убаво да им говори?
(Повторно влегуваат Брут и Сициниј со толпата.)

Сициниј

Каде е онаа змија
што сака да го обезљуди градот
и ситемина да биде тој?

Менениј

Трибуни добри-

Сициниј

Тој треба да биде фрлен од Тарпејската стена
со крути раце: на законот му се спротивстави
и затоа законот му скратува судење друго
туку го препушта на народната волја
која толку многу ја презира.

Првиот граѓанин

Треба добро да знае
дека трибуните се народни усти
а ние нивните раце.

Сите плебејци

Ќе научи, ќе научи.

Менениј

Господине, господине!

Сициниј

Мир!

Менениј

Не викајте "удри, мавај," кајшто ловот
ви е ограничен мошне.

Сициниј

Господине, зошто и вие
му помогнавте да побегне?

Менениј

Слушајте ваму!
Како што ги знам вредностите на нашиот консул
така му ги знам и маните.

Сициниј

Конзул? Каков конзул?

Менениј

Конзулот Кориолан.

Брут

Тој конзул?

Сите плебејци

Не, не, не, не, не!

Менениј

Доколку, трибуни, ми дозволите а и вие добри луѓе,
слушнете ме да ви кажам два-три збора,
од оние ќе немате поголема штета
од времето што ќе го загубите слушајќи.

Сициниј

Тогаш, говори кратко:
оти решени сме цврсто со предавникот змиски
да расчистиме. Да го протераме негде
постојана закана би ни бил, а да остане овде
наша сигурна смрт. Затоа одлука падна
вечерва да умре.

Менениј

Да не дадат боговите добри,
нашиот славен Рим, чија благодарност
кон заслужните чеда во книгата на Јупитер
се запишува, сега, ко неприродна мајка,
сопствената рожба да ја лапне!

Сициниј

Тој е краста што мора да се скастри.

Менениј

Не, тој е само ластар што зафатил една болест:
отсечи го и мрее; да се исцели, е лесно.
Што му сторил тој на Рим за да умре?
Душманите убивајќи ни ги, крвта што ја леел
(а велам, пролеал повеќе одошто сега
во него има) ја леел за земјата своја;
а остатокот да го загуби од својата земја
ќе биде за нас што го правиме или допуштаме сега
срамен мур до крајот на светот.

Сициниј

Ова е извретено до бескрај.

Брут

Извитоперено ептен. Кога ја сакаше земјата
таа почести му даде.

Сициниј

Службата на ногата,
кога еднаш ќе загине, повеќе не се цени
за она што била.

Брут

Од ова ни е доста;
побарајте го дома и извлечкајте го надвор,
за гноежот што потоа префаќа лесно,
да не се шири.

Менениј

Еден збор, еден збор уште.
Овој гнев тигроног, кога ќе ја увиди добро
штетата од непромислената итност, многу доцна,
тешко олово ќе си приврзе. Постапете законски,
да не би , оти тој е сакан, се појавиле странки
па самите Римјани да го опустошат Рим.

Брут

Кога така би било!

Сициниј

Што зборуваш?
Зарем послушноста не му ја сетивме болно?
Едилите ни ги тепаше, нас ни се спротистави. Ајде!

Менениј

Сфатете го ова: тој во војните е растен
уште кога првпат го извлече мечот и е неук
за пробран говор; баби и жаби
во иста бреќа ги тура. Дозволете ми, ве молам
да одам кај него и да го донесам на свој ризик
кајшто ќе одговара по важечкиот закон-
мирно- па што ќе биде нека биде.

Првиот сенатор

Трибуни добри,
ова е човечки. Другиот начин
би бил многу крвав и исходот негов

туѓ за почеток.

Сициниј

Менениј добар,
бидете тогаш гласник народен вие.
Граѓани, остевете го оружјето.

Брут

Не одете дома.

Сициниј

Соберете се на плоштад: ќе ве чекаме таму,
кајшто, доколку Марциј не го донесете, веднаш
ко првиот начин ќе постапиме.

Менениј

Ќе ви го донесам.
(На сенаторите) Ве молам, дојдете и вие.
Мора да дојде или најлошо следи.

Првиот сенатор

Да одиме, ви се молам
(Излегуваат.)

Сцена 2[26]

(Влегуваат Кориолан со патрициите.)

Кориолан

Нека урнат сé околу мене, нека ме мачат
до смрт на колце, нека ме растргнат со коњи,
нека натрупаат десет брда на Тарпејската стена,
за провалијата удолу да стане
за окото невидлива: сепак јас сé уште
таков ќе бидам со нив.
(Влегува Волумнија.)

Патрициите

Поблагородни сме сега.

Кориолан

Чудно ми е што мајка ми
повеќе не ми одобрува, а ги викаше таа
волнени робови, тиќиња што само знаат
да се ценкаат за ситни пари, гологлави да семнат
по храмовите, да зеваат, да молчат и да зинат
кога некој од мојот ред ќе стане
да говори за војна или мир. Зборувам за тебе.
Зошто сакаш да сум поблаг? Зарем
природата да си ја изменам? Поарно речи да бидам
она што сум.

Волумнија

О, синко, синко, синко.
Би сакала првин власта да ја држиш в раце
пред сосем да ја излитиш.

Кориолан

Немој за тоа.

Волумнија

Доволно можеше да бидеш она што си
со многу помал труд: помали ќе беа

пречките за твојот стремеж, ако
не им покажеше кон што се стремиш
пред да ја загубат моќта да те спречат[27].

Кориолан

Нека висат.

Волумнија

Да, и на клада нека изгорат.
(Влегуваат Менениј со сенаторите.)

Менениј

Ете, ете, беше прегруб, еитен прегруб.
Треба да се вратиш и сé да поправиш.

Првиот сенатор

Друг лек нема;
ако не сториш вака, градот наш добар
ќе прсне посреде и ќе го снема.

Волумнија

Послушај, те молам;
и моево срце, ко твоето, попушта тешко,
но мозоков знае да го употреби гневот
за подобри цели.

Менениј

Добро кажано, благородна жено.
Пред да се уништи тој пред ордава, да не беше
лутиот настап на времето што ова ко мелем
за целата држава од него го бара, сам оклоп
ќе ставев иако одвај можам да го носам.

Кориолан

Што мора да сторам?

Менениј

Врати се кај трибуните.

Кориолан

А што после? Што после?

Менениј

Порекни го она што го рече.

Кориолан

Заради нив? Ни пред боговите не би можел
а камоли пред нив.

Волумнија

Претерано си крут.
Но од крутоста твоја никогаш не е доста
освен кога крајната нужда бара. Те чув како велиш
дека честа и префриганоста, ко неразделни ближни
в бој одат заедно: ова признај го и кажи
што во мир едно заради другото губи
па не можат и во него да се здружат.

Кориолан

Доста, доста!

Менениј

Добар совет.

Волумнија

Ако е чест во твоите војни да личиш
на она што не си, за кое, во најдобри цели
префриганоста ја приспособуваш, како би било
и во мирнодобие да другарува таа
со честа, ко во војна, бидејќи и двете
меѓусебно да си се потребни.

Кориолан

Зошто е ова толку важно?

Волумнија

Зашто тоа те тера да говориш сега
со народот, не по наоѓање свое,
нити по она што срцето твое сака да го каже,
туку со зборови такви што имаат смисла
само на јазик, иако накалемени и туѓи
и без дозвола на вистината всадена в гради.
Значи, ова не те срамоти толку многу
како кога ќе освоиш град со зборови благи
наместо на сопствената среќа да се потпреш
и многу крв да пролееш.
Јас би глумела некој друг кога
среќата и пријателите би ми биле на мака
а честа тоа од мене го бара. Во ова сум и сама,
а и жена ти, син ти, сенаториве, велможиве овде;
а ти повеќе би ѝ покажал на простава раја
дека знаеш да се муртиш, место со ласкав насмев
љубовта да им ја освоиш и да го заштитиш она
што мртењето може да го урне.

Менениј

Благородна дамо!
Ајде, дојди со нас; говори убаво; ќе го спасиш
не само она што е загрозено сега, туку
и она што веќе е загубено.

Волумнија

Те молам сега, синко,
оди кај нив, со капата в раце,
и кога таму ќе стигнеш- парави сé по нивно-
со коленото тлото бакни го- зашто во таков случај
дејството е речитост, а видот на неукиот
поумен од слухот-со глава кимај
им често, вака, и совладувај го стаменото срце,
да биде смерно ко дудинка најзрела
што одвај на дршка се држи; или кажи им,
дека ти си новиот војник, и одгледан во битки,
ја немаш благоста која, признаваш ете
дека треба да ја имаш, за да им ја дадеш
кога наклоност од нив бараш; но дека ќе се делкаш
себеси, и, за да станеш нивен, ќе ги вложиш
сета своја сила и авторитет.

Менениј

Вака речи,
како што таа ти вели, и ќе ги освоиш сите:
зашто замолени, тие се прошка полни,
ко што се издашни со зборови празни.

Волумнија

Те молам сега.
Оди владеј со себе; иако знам дека побргу
би пошол по душманот во ждрелото на смртта
одошто да му ласкаш в сеница.
(Влегува Коминиј.)
Еве го Коминиј.

Коминиј

Идам од плоштад; ти, господине, или
добар одбор околу себе имај, или ќе треба
со смиреност да се браниш или бегство. Таму врие.

Менениј

Само со говор пробран.

Коминиј

Ќе успее, чинам, ако
духот си го заузди.

Волумнија

Ќе мора и ќе сака:
те молам, речи дека сакаш, па оди.

Кориолан

Зарем пред нив гологлав да одам? Зарем
со превртлив јазик гордово срце
да го унижам? Добро, така ќе сторам:

но треба само ова едно парче да го снема,
оваа грутка Марциј, во прав би ја сомлеле тие
ветрот да го разнесе. На плоштад.
Ми доделивте улога што никогаш, велам,
природна не ќе ја одиграм.

Коминиј

Не бери гајле. Суфлери ќе ти сме ние.

Волумнија

Те молам сега, синко мил, ти еднаш рече
дека пофалбите мои од тебе створиле воин,
па, за пак да ги имаш, одиграј ја добро
улогата што не си ја играл.

Кориолан

Ќе морам.
Оди си природо моја, за во мене да влези
дух багабонтски! Моето грло борбено
што ечеше во склад со барабанот, кавал
пискав нека стане како глас на евнух, или
глас на дадилка што бебиња крла! Насмеви
арамиски, на образ залогорете ми, солзи
ученички, погледот замаглете ми го! Јазику
питачки, врти ми низ уста, колено железно
свивано само в стремен, свиј се ко на оној
што примил милостина! Нема ова да го правам,
за да не престанам да ја почитувам вистината своја,
и со дејството телесно си го навикнам умот
на нераскопачлива нискост.

Волумнија

Тогаш сé оставам на тебе:
поголем резил е јас тебе да те молам
одошто ти нив. Нека пропадне сé; поарно да
пропадне и мајка ти заради твојата гордост
место да се плаши од опасната ти храброст, зашто
и јас ја презирам смртта со исто толку големо срце
ко твоето. Прави како што сакаш.
Храброста твоја
ти од мене ја исцица, но горделивоста
си е само твоја.

Кориолан

Задоволна биди.
Мајко, еве веднаш на плоштад одам:
не кори ме веќе. Љубовта ќе им ја смувам,
срцата ќе им ги дрпнам, и ќе се вратам сакан
од сите еснафи во Рим. Еве, еве, одам.
Поздрави ја жена ми. Ќе се вратам конзул
или никогаш повеќе не верувај во она
што јазиков може да го изласка.

Волумнија

Прави како што сакаш.

Коминиј

Одиме, трибуните те чекаат: оружај се
благо да одговараш; оти тие се спремни
како што слушам, со обвинениja потешки уште
од сегашниве.

Кориолан

Лозинката е “благо”. Да одиме, ве молам.
Нека измислуваат колку што им е волја: според
честа своја ќе им одговорам.

Менениј

Добро, ама благо.

Кориолан

Добро, благо нека биде. Благо!
(Излегуваат.)

Сцена 3[28]

(Влегуваат Сициниј и Брут.)

Брут

Притоа веднаш оптужи го дека се стреми
кон тиранска власт. Ако се измолкне тука,
притесни го со злобата што кон народот ја
котка
и дека пленот добиен од Антијатите
никогаш не бил поделен.
(Влегува еден едил.)
Што е, ќе дојде?

Едилот

Доаѓа.

Брут

Кој е со него?

Едилот

Стариот Менениј и оние сенатори
што секогаш го сакале.

Сициниј

Дали имаш список
со сите гласови што ги собравме
поименично?

Едилот

Имам: готов е.

Сициниј

Дали ги собираше по племиња?

Едилот

Да.

Сициниј

Веднаш собери го народот овде;
кога ќе ме чујат да речам, "Ќе биде така
по правото и моќта на народот," било
да е смрт, глоба или прогонство, тие,
ако речам глоба, да викаат "глоба", "смрт"
ако
речам смрт, повикувајќи се на повластицата
стара
и моќта на народната правда.

Едилот

Ќе им кажам.

Брут

И кога ќе почнат да викаат во одреденото
време,
нека не престануваат, туку со збркана врева
нека бараат да се изврши веднаш
донесената пресуда.

Едилот

Разбирам.

Сициниј

Нека бидат цврсти и спремни за часот
кога знакот ќе им го дадеме.

Брут

Заврши го ова. *(Излегува едилот.)*
Веднаш збесни го; навикнат е вечно
да освојува и за ништо
да не противречи. А штом збесне, веќе
не може да се воздржи; тогаш од срце
говори а во него е она што заедно со нас
демне вратот да му го скрши.

Сициниј

Еве го доаѓа.
*(Влегуваат Кориолан, Менениј и Коминиј,
со другарите.)*

Менениј

Смирено, те молам.

Кориолан

Да, како слуга, што за најситно паре
трпи стопати да му речат подлец. Богови вишни,
вардете го Рим, на седиштата на правдата
наместете вредни луѓе, љубов меѓу нас засадете,
храмовите наши преполнете ги со спокој
војната од улица отерајте ја.

Првиот сенатор

Амин, амин.

Менениј

Благородна желба.
(Влегува едилот со плебејците.)

Сициниј

Поблиску народе.

Едилот

Слушнете ги трибуните. Мир, народе, велам!

Кориолан

Слушнете ме првин мене!

Обата трибуна

Добро, зборувај. Мир, ej!

Кориолан

Дали и натаму ќе ме оптужувате освен овде?
Мора сé овде да заврши?

Сициниј

Те прашувам сега,
дали се повинуваш на народната волја,
дали му ја признаваш власта, и дали согласност даваш
да поднесеш законска казна за онаа вина
што против тебе ќе се докаже?

Кориолан

Се согласувам.

Менениј

Граѓани, тој вели дека се согласува.
Земете ја предвид неговата воена служба;
мислете на раните што телото негово ги носи,
небаре гробови по светото гробје.

Кориолан

Гребнатини од трње,
лузни само што тераат на смеа.

Менениј

Имајте предвид
дека ако тој ко граѓанин не говори
тоа е затоа што е војник. Земете предвид
дека грубите нагласки не се злобни звуци
туку, како што реков, приличат на војник
којшто не сака да покаже кон вас злоба.

Коминиј

Добро, добро, доста.

Кориолан

Зошто,
кога веќе еднаш ме избрзавте за конзул,
толку ме обесчестивте што истиот час
се предомисливте?

Сициниј

Ти одговараш овде.

Кориолан

Тогаш прашувајте, ако така треба.

Сициниј

Те обвинуваме, дека си пониетил да ја земеш
од Рим востановената власт, приграбивајќи

си за себе власт со тирански моќи;
затоа ти си предавник на народот.

Кориолан

Што? Предавник?

Менениј

Полека, благо, вети!

Кориолан

Огнови од дното адско народот да го сотрат!
Јас негов предавник! Клеветнику трибунски!
Дваесет илјади смрти во очите да имаш,
и многу милиони стегнато в раце, а двата
броја да ти се во јазикот лажлив, ќе ти речам
"лажеш", со глас слободен многу
ко за молитва на боговите.

Сициниј

Го чувте ова, луѓе?

Сите плебејци

На стената, на стената со него.

Сициниј

Мир!
Нема потреба нова да му додаваме вина.
Го видовте што прави, го чувте што вели,
ви ги тепа претставниците, ве пцуе,
со сила на законите се опира, а овде
пркоси на оние кои со голема моќ му судат-
само ова
е злостор и тоа со димензии такви
што најтешка смрт заслужува.

Брут

Но бидејќи има
заслуги за Рим-

Кориолан

Што пљампаш за заслуги?

Брут

Зборувам за она што го знам.

Кориолан

Ти?

Менениј

Ова ли е ветувањето на мајка ти што ѝ го даде?

Коминиј

Знај, те молам-

Кориолан

Повеќе не сакам ништо да знам.
Нека ме осудат на стрма смрт од стената Тарпеј,
на скитнички прогон, на дерење, на затвор
со едно зрно дневно, јас сепак нема да ја купам
милоста нивна ни по цена од еден убав збор,
ни храброста ќе си ја зауздам за она што можат
да ми го дадат, а што можам да го добијам лесно
со едно "Добар ден".

Сициниј

Затоа што тој,
онолку колку што можеше, од време на време,
злоба покажуваше кон народот, и бараше начин
да му ја откраднe власта, а сега, на крајот,
прибегна кон сила против самата правда
и извршителите нејзини-во името на народот
а со правото наше трибунско, ние,
од овој ист момент, го протеруваме од градот,
со закана да биде фрлен
од Тарпејската стена, ако некогаш
влезе низ портите римски. Во името на народот

велам да биде така.

Сите плебејци

Да биде така! Да биде така! Нека оди!
Тој е прогонет и така ќе биде!

Кориниј

Чујте ме трибуни, народи чуј ме!

Сицинић

Тој е осуден: сослушувањето заврши.

Кориниј

Дозволете да зборувам!
Јас сум бил конзул, и за Рим можам врз мене
да ги покажам знаците на душманите негови.
Го сакам
доброто на мојата земја со понежна почит
посвета, подлабока, од онаа кон мојот
живот,
кон угледот на жена ми, кон плодот
на утробата нејзина, богатството на крвта
моја:
кога би рекол, тогаш-

Сицинић

Знаеме ние добро што би рекол.

Брут

Нема повеќе што да се речи освен дека е
прогонет
ко непријател на народот и земјата наша.
Така ќе биде!

Сите плебејци

Така ќе биде! Така ќе биде!

Кориолан

Вие ордо кучешка! Чиј здив го мразам
ко баздеж од смрдливо мочуриште, чија
љубов
ја ценам ко црknат труп од незакопан човек
што воздухот ми го грди: Јас вас ве прогонувам!
Останете овде со несигурноста ваша!
нека и на најмал шум срцата ви се тресат!
На појавата само на непријателите ваши,
очај нека ве зафати! Ја користите моќта
бранителите да си ги протерате, најпосле
дури
вашата глупост-која не сфаќа дури не осети,
и која само уште вас ве задржува овде
што душмани сте сами на себе-не ве предаде
ко робови долни на друг некој народ
што ќе ве победи без борба! Презирајќи
го поради вас, овој град, ви го вртам грбот.
Светот не е само овде!
(Излегуваат Кориолан, Кориниј, Менениј со другите сенатори и патриции.)

Едилот

Непријателот на народот си замина, го нема!

Сите плебејци

Нашиот душман е протеран! Го нема! Ура!
Ура!
(Сите викаат и ги фрлаат капите во воздух.)

Сицинић

Одете по него до портите, следете го
ко тој што ве следеше вас, со должен презир.
Оддадете му ја заслужената непочит. Нека
стража
нé прати низ градот.

Сите плебејци

Ајде, ајде, да го видиме кога ќе излезе низ
градските порти.
Ајде! Боговите нека ги вардат нашите
благородни трибуни!
Ајде!
(Излегуваат.)

Чин ЧЕТВРТИ

Сцена 1[29]

(Влегуваат Кориолан, Волумнија, Виргилија,
Менениј, Коминиј со младите велможи на Рим.)

Кориолан

Престанете со кукање. Кратко збогум!
Sверот
многуглав ме гони. Немој мајко,
каде е твојата древна храброст? Ти еднаш
велеше неволјите духот го лостат;
обичната коб со лес ја трпат обичните луѓе,
дека кога морето е мирно сите крмари
мајсторски знаат да пловат; а кога судбата
мава,
удира страшно, мирен да останеш а ранет,
умешност на велможа бара. Ти знаеше да ми
дадеш
совети страшни што непобедливо секое срце
го прават ако знае да ги прими.

Виргилија

О небеса! О небеса!

Кориолан

Немој, те молам жено.

Волумнија

Црвена чума да ги удри еснафите во Рим
и сите занаети да пропаднат!

Кориолан

Што, што, што!
Ќе ме сакаат кога ќе ме нема. Немој, мајко,
врати си го оној дух ко кога еднаш рече
да си била жена на Херкул, шест работи
од неговите би направила за да не лее
маж ти толку многу пот. Коминиј,
не папсувај: збогум. Збогум, жено, мајко:
сепак ќе ми биде арно. Ти стар Менениј
верен,
посолени ти се солзите од на момче,
и штетни на видот. Војсководецу мој најмил
што сум те гледал бестрашен пред глетки
од кои срцето смрзнува; кажи им на тажниве
жени,
дека е глупо да се оплакува неизбежниот
удар
ко што не е смешно. Мајко моја, добро
знаеш
дека опасностите отсекогаш утеха ти биле;
и веруваj цврсто-иако сега сам одам
ко самотен змев кому од ѓолот
повеќе му се плашат и говорат одошто да го
видат-
син ти или ќе стрчи над плебсот или тој ќе
го фати
префригано и подло на мамка.

Волумнија

Синко првороден,
каде си тргнал? Коминиј нека
до негде те испрати; подобар правец фати
место диво да се излагаш на секоја напаст
што на пат ќе ти се испречи.

Виргилија

О богови!

Коминиј

Ќе бидам со тебе еден месец, ќе мислам со
тебе
каде да пребиваш, за нас да слушаш

а ние за тебе. Па ако времето даде можност
за скорешна прошка, да не те бараме
по светот широк, потрагата напуштајќи ја
која бргу спласнува штом бараниот го нема.

Кориолан

Збогум.
Ти не си веќе млад, и војните доволно ти
зеле
од свежеста за да тргнеш со оној
што сé уште е непобеден: до порти само
дојди.
Ајде, мила жено, најдрага мајко, и вие
пријатели мои од благороден сој: кога ќе
одам
со насмев речете ми збогум. Да појдеме, ве
молам:
сé дури по земја за мене
постојано ќе слушате, но никогаш нешто
што на рангов не ми приличи.

Менениј

Подостојно нешто
увото не чуло. Ајде, прекинете со плачот.
Да можам да истресам бар години седум
од стариве нозе и коски, жими Јупитер,
во чекор би те следел.

Кориолан

Дај ми рака.
Одиме.
(Излегуваат.)

Сцена 2[30]

(Влегуваат двајцата трибуни, Сициниј и Брут, со едилот.)

Сициниј

Нека си одат дома; тој замина и тука запираме.
Племството е гневно, а видовме дека е
негова страна.

Брут

Ја покажавме нашата сила,
по стореното посмернида изгледаме треба
отколку кога го правевме чинот.

Сициниј

Дома нека си одат.
Кажи непријателот нивен го нема, а тие
остануваат со нечепната власт и сила.

Брут

Кажи им, право дома.
(Излегува едилот.)
Еве ја мајка му.
(Влегуваат Волумнија, Вергилија и Менениј.)

Сициниј

Да ѝ се тргнеме од патот.

Брут

Зошто?

Сициниј

Велат дека се мрднала.

Брут

Нé видоа: само терај напред.

Волумнија

Како порачани: сите чуми од небо
љубовта да ви ја вратат!

Менениј

Мир, мир, цел свет слуша.

Волумнија

Камо да дојде на плачење, но мора да чуеш-
Немој. И ти треба да слушнеш. *(На Брут)*
Што се тргаш?
(На Сициниј) И ти има да останеш.

Виргилија

Камо моќ да имав
ова да му го речев на маж ми.

Сициниј

Дали сте од човечка раса?

Волумнија

Да, тивко; да не е срамотно? Гледајте го овој шутрак.
Зарем татко ми не беш е човек? Дали лукавството твое
го протера оној што повеќе удари зададе за Рим
одошто ти зборови што си кажал?

Сициниј

О, блажено небо!

Волумнија

Удари поблагородни одошто ти зборови мудри;
за доброто на Рим. Ќе ти речам нешто-сепак оди!
Не, немој. И ти остани: син ми камо
да е во Арабија, пред него племето твое,
а тој со сабјата в раце.

Сициниј

И што тогаш?

Виргилија

Што тогаш!

Волумнија

Ќе го сотри потомството твое.
Копилињата и сé друго.
Ах, богови, раните што тој ги носи за Рим!

Менениј

Смири се, смири се, молчи!

Сициниј

Камо да продолжеше за својата земја
ко што почна, а не сам да го отрешува
благородниот јазол што сам го врза.

Брут

Камо да беше така.

Волумнија

"Камо да беше!" Вие го шилкавте плебсот,
мачори едни, што можете да судите за него
колку јас што можам за тајните што ова небо
не дава земјата да ги знае.

Брут

Да одиме, те молам.

Волумнија

А сега, ве молам господа, одете си.
Направивте храбро дело. Пред тоа, слушнете го ова:
колку што Капитол ја надвишува најбедната куќа во Рим, толку и син ми-мажот на госпоѓава овде, ја гледате, овдекого го прогонивте, ве надвишува вас.

Брут

Добро, добро, ве оставаме.

Сициниј

Што стоиме да нé цавка
таа што забегала со умот?
(Излегуваат трибуните.)

Волумнија

Понесете ги молитвиве со вас.
Би сакала боговите да не прават ништо друго
туку само клетвиве да ми ги исполнуваат!
Еднаш
на ден да ги срекáвам, полесно на срце би ми било
од бремево што го носам.

Менениј

Им кажавте точно,
а, жими вера, и со право. Ќе вечерате кај мене?

Волумнија

Гневот ми е храна: сама ќе се вечерам
и јадејќи се ќе гладувам. Ајде, да одиме.
доста цимолиш и тажи слично на мене,
гневно, ко Јунона. Одиме, одиме, ајде!
(Излегуваат Волумнија и Вергилија.)

Менениј

За резил, за резил, за резил!

Сцена 3[31]

(Влегуваат еден Римјанин и еден Волшчанин.)

Римјанинот

Те познавам добро, господине; а и ти ме познаваш: мислам дека се викаш Адриан.

Волшчанинот

Така е господине; ама навистина сум те заборавил.

Римјанинот

Јас сум Римјанин; ама, како и тебе, служам против Римјаните. Се сети сега?

Волшчанинот

Никанор? Не?

Римајнинот

Токму така, господине.

Волшчанинот

Имаше повеќе брада кога те видов последниот пат, ама те познав по зборот. Што има ново во Рим? Имам инструкции од Волшчанската држава да следам што се случува кај вас; ме спаси да не одам уште цел еден ден.

Римјанинот

Чудна буна имаше во Рим; народот против сенаторите, патрициите и племството.

Волшчанинот

Имаше? Дали заврши? Нашите власти не мислат така; собравме моќна војска и се надеваме да ги нападнеме кога ќе се на врвот на раздорот.

Римјанинот

Главниот оган е изгаснат, но само мала работа и може повторно да се распламти. Зашто велможите многу при срце си го зедоа протерувањето на благородниот Кориолан, и сега се ептен зрели да му ја одземат моќта на народот и да му ги скинат трибуните за навек. Ова тлее, ти велам, ама речиси е азер нагло да се распламти.

Волшчанинот

Го протерале Кориолан?

Римјанинот

Да, господине.

Волшчанинот

Ќе ни бидеш добредојден со оваа вест, Никанор.

Римајнинот

Сега се отвора можност за Волшчаните. Сум чул дека најарно е да ќариш туѓа жена кога таа е во кавга со сопствениот маж. Вашиот благороден Тул Ауфидиј ќе се истакне во овие војни сега кога неговиот голем противник, Кориолан, не е потребен на неговата земја.

Волшчанинот

Секако дека ќе се истакне. Многу сум среќен што вака случајно налетав на тебе. Ти ја сврши мојата работа и сега весело ќе те придружувам до дома.

Римјанинот

По пат ќе ти кажам многу чудни работи за Рим што одат на рака на неговите непријатели. Велиш имате спремна војска, а?

Волшчанинот

Одлична војска. Центурионите и нивните центурии веќе примаат наемнина и следување, сите се собрани и на штрек да тргнат само за еден час откако ќе им се нареди.

Римјанинот

Се радувам што слушам дека се спремни, а јас сум човекот, мислам, што сегашнава работа ќе им ја даде. Значи, господине, од срце се радувам што се сретнавме и мило ми е што ќе одиме заедно.

Волшчанинот

Ми ги зеде зборовите, господине: јас имам најголема причина да се радувам на нашата средба.

Римјанинот

Тогаш да одиме заедно.

Сцена 4[32]

(Влегуваат Кориолан преоблечен во едноставна облека, маскиран и тих.)

Кориолан

Убав град е овој Анциум. Граде,
токму јас те вдовичив: наследници многу
на овие јапии лични во војните свои
чув како гргорат пред смртта. Затоа не препознавање ме;
да не би жените твои со сукала, а децата со камења
во ситен бој ме убиле.
(Влегува еден граѓанин.)

Граѓанинот

Здраво.

Кориолан

Кажи ми, ако не ти е тешко
каде живее големиот Ауфидиј. Дали е во Анциум?

Граѓанинот

Дома е и вечерва главешините државни
во домот свој ги гости.

Кориолан

А која е неговата куќа ти се молам?

Граѓанинот

Стоиш пред неа.

Кориолан

Ти благодарам, господине. Збогум.
(Излегува граѓанинот.)
О свете, нагли се твоите пресврти! Пријателите денес,
заколнати на верност, во кои едно срце бие,
чии часови, кревет, обеди и напор
во сé се заеднички небаре со љубов
неразделна се споени, за нула време
поради најмала ситница, лути
непријатели стануваат; а душманите најлоши,
кои страсно, ковале дури на соне
завери еден против друг, поради некој случај,
ситница невредна ни јајце, пријатели блиски
стануваат и потомците преку брак си ги спојуваат.
Така е и со мене: родниот град си го мразам
а го сакам градов непријателски. Ќе влезам:
ако ме убие, има право; ако ме прими
тогаш на земјата негова ќе служам.
(Излегува.)

Сцена 5[33]

(Се слуша музика. Влегува еден слуга.)

Првиот слуга

Вино, вино, вино! Да ви се плукнам на послугата! Мислам дека спијат како заклани!
(Излегува.)
(Влегува друг слуга.)

Вториот слуга

Каде е Котус? Господарот него го бара. Котус!
(Излегува.)
(Влегува Кориолан.)

Кориолан

Красен дом: гозбата мириса одлично, ама јас не личам на гостин.
(Влегува првиот слуга.)

Првиот слуга

Што сакаш, братко? Од каде ти тука? Ова не е место за тебе:
те молам, надвор! *(Излегува.)*

Кориолан

Подобро гостење не сум ни заслужил бидејќи сум Кориолан.
(Влегува вториот слуга.)

Вториот слуга

Од каде ти тука, човеку? Да не не му се на вратарот очите в глава, па пушта внатре такви како тебе? Те молам, да те нема.

Кориолан

Тргни се!

Вториот слуга

Да се тргнам? Ти тргни се.

Кориолан

Ми одиш на нерви.

Вториот слуга

Па ти си уште дрзок! Поинаку треба со тебе.
(Влегува трет слуга. Се сретнуваат со првиот.)

Третиот слуга

Кој е овој?

Првиот слуга

Чудак каков што немам видено. Не можам да го истерам од куќава. Те молам викни му го господарот.
(Се повлекува.)

Третиот слуга

Што работа имаш ти тука, а? Те молам, напушти ја куќава.

Кориолан

Пушти ме да стојам; нема да го повредам огништето.

Третиот слуга

Што си ти?

Кориолан

Велможа.

Третиот слуга

Ама ептен сиромав.

Кориолан

Така е, во право си.

Третиот слуга

Те молам, велможо сиромав, најди си некое друго обитувалиште. Ова не е место за тебе; те молам надвор. Ајде.

Кориолан

Бркај си работа; оди дебели се со остатоците од оладената храна.
(Го оттурнува од себе.)

Третиот слуга

Што, не сакаш? Те молам, кажи му на господарот колку чуден гостин му дошол.

Вториот слуга

И ќе му кажам.
(Излегува вториот слуга.)

Третиот слуга

Каде живееш?

Кориолан

Под ведро небо.

Третиот слуга

Под ведро небо?

Кориолан

Да.

Третиот слуга

Каде тоа?

Кориолан

Во градот на јастребите и враните.

Третиот слуга

Во градот на јастребите и враните? Види го ти магаре едно! Тогаш, значи, живееш и со стрчаките?

Кориолан

Не, јас не му служам на твојот господар.

Третиот слуга

А-ха, значи сакаш со господарот да се дружиш?

Кориолан

Да; почесно е со него да се дружам отколку со жена ти. Ама пљампало си, само мелиш. Тргни ми се сосе послужавник, мрш!
(Го брка со ќотек. Излегува третиот слуга.)
(Влегува Ауфидиј со вториот слуга.)

Ауфидиј

Каде е човекот?

Вториот слуга

Овде, господару. Ќе го претепав како пес, ама не сакав да ги вознемирувам господата внатре. *(Се повлекува.)*

Ауфидиј

Од каде доаѓаш? Што сакаш? Имаш име? Зошто молчиш? Зборувај, човеку! Како се викаш?

Кориолан

(Го открива лицето.) Ако ти Туле,
не ме препознаваш кога ме гледаш и не мислиш
дека сум човекот што јас сум, нужноста тогаш
налага името да ти го кажам.

Ауфидиј

Како ти е името?

(Слуѓите се повлекуваат.)

Кориолан

Многу непријатно за Волшчанските уши,
и рапаво за тебе.

Ауфидиј

Кажи како се викаш!
Изгледот ти е строг, а лицето твое
заповед носи на себе. Иако со скинати едра
ти си брод величенствен. Како се викаш?

Кориолан

За муртење спреми се: ме познаваш сега?

Ауфидиј

Не те познавам! Името кажи го!

Кориолан

Името ми е Кај Марциј, којшто тебе
особено а и на сите Волшчани, големе
пакост и зло ви има нанесено: за тоа е сведок
надимето мое, Кориолан. Болната служба,
опасностите страшни и капките крв
што за неблагодарната родина ги леев, само
со надимево ми се возвратени: добар спомен
и сведок за омразата и злото
што за мене ги чувствуваш. Остана само тоа
име.
Суровоста и зависта на цел еден народ,
со допуст на веложите наши слаби, кои
до еден ме напуштија, рестото го голтна.
И ме натераа, со гласовите на сето робје,
да заминам од Рим. Токму оваа мака
ме доведе до огништето твое, не со надеж,
не ме сфаќај погрешно, животот да си го
спасам: оти
на смртта ако ѝ се плашев, од сите луѓе на
светот
кај тебе најмалку ќе дојдев; туку со желба
сметките да ги израмнам со прогонителите
мои
пред тебе јас овде да стојам. Значи ако имаш
срце
одмаздничко во себе, што да ги одмазди сака
злата тебе нанесени, сакатењата срамни
што насекаде во земјава се гледаат, брзни
и стори бедава моја да ти донесе среќа: така
употребија што мојата одмаздничка служба
корист ти донесе, зашто ќе се борам
против мојата расипана земја со жолчност
на сите ѓаволи адски. Но ако не можеш
или не смееш или за пробање на среќата
веќе си уморен, тогаш, со еден збор, и мене
ќе ми се смачи да живеам и гркланов
ќе ти го дадам тебе и на омразата стара;
којшто, ако не го пресечеш ќе испаднеш
шутрак,
зашто од секогаш со омраза сум те следел,
и тони крв сум леел ос градите на земјата
твоја,
па не можам да живеам освен за твој резил
или во твоја служба.

Ауфидиј

О, Марциј, Марциј!
Секој збор што го рече ми извади од срце
по коренче од древната злоба. Јупитер ако
од облакон проговори работи дивни
и рече "Вистина е", не би му верувал нему
повеќе од тебе, сéплеменит Марциј. Дозволи
рацете да ги обвијам околу ова тело, од кое
јасеновото мое копје сто пати се скршило,
лузнејќи ја луната со отпад. Ја гушкам, еве,
наковалната на мојот меч, и се натпреварувам
топло и благородно со љубовта твоја
ко што некогаш, во славољубие, се мерев
со храброста твоја. Знај, како прво,
ја сакав девојката што ја зедов; никогаш
човек
поверно не воздивнувал од мене; но кога
овде
те гледам, јунаку племенит, срцево полно
восхит
подигрува посилно од денот невестата кога
прагот ми го премина. Марсу мој! Ти велам
војска имаме спремна; наумено имав
да пробам уште еднаш раката да ти ја сечам
или сопствената да ја загубам. Ти ме победи
во дванаесет битки па оттогаш дење ноќе
сонувам за нов мегдан меѓу нас двајца-

насоне обајцата сме паднале долу,
шлемовите сме си ги отпетлувале, фатени за гуша-
по што сум се разбудил, полумртов од ништо. Марциј
племенит, и да немаме друга кавга со Рим, доста е
ти што си протеран, па да станеме сите
од дванаесет до седумдесет, и турајќи војна
во утробата на неблагодарниот Рим, како
буица смела да ги поплавиме. О дојди, влези,
ракувај се со сенаторите пријателски наши,
кои се тука за да се поздравaт со мене
бидејќи сум спремен на вашите области да удрам
иако не и на смаиот Рим.

Кориолан

Богови, благослов за мене е ова.

Ауфидиј

Затоа, благороден господине, ако сакаш
со својата одмазда да управуваш, земи
половина од сета војска и сам тргни
зашто доволно искуство имаш, и ги знаеш
силата и слабостите на твојата земја:
дали право да удриш на римските порти,
или сурово да ги посетиш областите дални
за да се тресат од страв пред да ги уништиш.
Но влези. Првин да те препорачам на тие
што да ќе речат на твоите желби. Илј-
адапати
добредојде! Поголем ми си пријател сега
одошто некогаш душман-иако, Марциј,
страшни непријатели бевме! Раката ваму:
Добро ми дојде!
(Излегуваат Кориолан и Ауфидиј.)
(Двајцата слуги испитуваат напред.)

Првиот слуга

Ама чуден пресврт!

Вториот слуга

Жими ракава, сакав да го удрам со стап; ама нешто ми велеше дека алиштата лажно го претставуваат.

Првиот слуга

Какво рачиште има! Ме заврте со прстот и палецот како да сум вртелешка.

Вториот слуга

По лицето знаев дека е нешто посебно. Имаше лице, братко, лице како-не можам да најдам зборови.

Првиот слуга

Да, да, имаше; изгледаше како да-нека ме обесат ако не помислив дека во него има повеќе одошто можев да замислам.

Вториот слуга

Исто и јас, се колнам. Едноставно таков човек нема на светот.

Првиот слуга

И јас така мислам. И поголем е воин од оној што ти го знаеш.

Вториот слуга

Од кого? Од мојот господар?

Првиот слуга

Па не сакав баш тоа да го кажам.

Вториот слуга

Вреди колку шестмина како него.

Првиот слуга

Е, не е баш така; но го сметам за поголем воин.

Вториот слуга

Ѓавол да го носи, човек не знае како да каже: за одбрана на градот нашиот војсководец е одличен.

Првиот слуга

Да, ама и за напад.
(Влегува трет̄иот̄ слуга.)

Третиот слуга

Еј апаши, имам новости за вас, новости, багабонти.

Првиот и вториот слуга

Какви, какви, какви? Гугај!

Третиот слуга

Од сите народности најмалку сакам да сум Римјанин; поарно да сум робијаш.

Првиот и вториот слуга

Зошто? Зошто?

Третиот слуга

Затоа. Овде е оној што душата му ја вадеше на нашиот војсководец, Кај Марциј.

Првиот слуга

Оти велиш "душата му ја вадеше на нашиот војсководец"?

Третиот слуга

Не велам душата му ја вадеше; велам секогаш беше доволно добар за него.

Вториот слуга

Ајде, ајде, другари сме и пријатели; секогаш бил тврд орев за него; сум го чул и сам да вели така.

Првиот слуга

Навистина бил тврд орев за него. Што е право право е; пред Кориол го сецкаше и толчеше како шницла.

Вториот слуга

А случајно да јадеше луѓе, можеше да го испече и да го изеде.

Првиот слуга

Кажи, кажи уште.

Третиот слуга

Што да ви кажам. Овде внатре толкава чест му прават ко да е син и наследник на Марс; го ставија на чело на трпезата; ниеден сенатор не поставува прашање пред да стане и да ја извади капата. Нашиот војсководец го третира ко наложница, допирот од раката му го смета за свет и сѐ се кокори за да ја следи. Но ова е главната вест: нашиот војсководец е пресечен на две и е само половина од она што беше до вчера; зашто другата половина му е дадена на другиот со допуст и благослов на целата трпеза. Тој ќе оди, вели, да им ги истегне ушите на чуварите на римските порти. Ќе покоси сѐ пред себе и ќе го остави патот зад себе расчистен.

Вториот слуга

Ако некој може тоа да го стори тогаш тоа е само тој.

Третиот слуга

Ако може? Јасно е дека може: зашто, братковци, тој има пријатели колку што има непријатели; кои пријатели, братковци, така да речам, не смеат, братковци, да покажат, така да се изразам, дека му се пријатели, додека тој е во морална предност.

Првиот слуга

Морална предност? Што тоа?

Третиот слуга

Но кога ќе видат, братковци, дека перјаницата пак му е горе, кога ќе му го чујат борбениот извик, ќе излезат од дупките, како зајаци по дожд и ќе пируваат со него.

Првиот слуга

И кога ќе биде ова?

Третиот слуга

Утре, денес, веднаш; барабанот ќе затропа уште попладнево. Ова ти е како дел од нивната гозба, а ќе заврши пред устите да си ги избришат.

Вториот слуга

Значи светот пак ќе се размрда. Миров е самоза железото да ‘рѓосува, да се котат кројачите и гусларите со нивните балади.

Првиот слуга

Сакам војна, братковци. Таа го надминува мирот како денот ноќта: војната е жива, чујна, полна настани. Мирот е фатен, летаргичен; тој е пренежен, глув, поспан, не буди чувства; зачнувач е тој на повеќе копилиња одошто војната е уништувач на мажи.

Вториот слуга

Така е. Како што војната, на некој начин, може да се нарече заводник, така не може да се порекне дека мирот е неуморен создавач на мажи со рогови.

Првиот слуга

Да, и луѓето се мразат меѓу себе.

Третиот слуга

А знаеш зошто? Затоа што тогаш не си се потребни еден на друг. Парите ги давам за војна. Се надевам и Римјаните ќе бидат толку евтини како Волшчаните. Ете, стануваат, стануваат.

Првиот и вториот слуга

Внатре, внатре, внатре, внатре!
(Излегуваат)

Сцена 6[34]

(Влегуваат трибуните Сициниј и Брут.)

Сициниј

Не слушаме за него, а не треба ни од него
да се плашиме; лекот против него е скротен
во сегашниов мир и спокој на граѓаните, кои
претходно беа во див немир. Пријателите
му црвенеат пред нас што на сите им е арно;
и тие порадо, иако сами би страдале од тоа,
би ги виделе улиците преполни со бесни
орди,
одошто еснафите да пејат по дуќаните нивни
бркајќи си ја добро работата.

Брут

Во право време му застанавме на пат.
(Влегува Менениј.)
Дали е она Менениј?

Сициниј

Тој е, тој е. Во последно време многу
љубезен стана. Здраво, господине!

Менениј

Здраво!

Сициниј

Твојот Кориолан не фали многу
освен кај пријателите: државата стои,
и ќе стои, дури и полут да е на неа.

Менениј

Сѐ е добро и уште подобро можеше да биде
само да се приспособеше.

Сициниј

Каде е тој, си слушнал?

Менениј

Ништо не сум чул. Ни мајка му ни жена му
не чуле ништо од него.
(Влегуваат три-четворица граѓани.)

Сите

Боговите нека обајцата ве штитат!

Сициниј

Добар ден, соседи.

Брут

Добар ден на сите, добар ден на сите.

Првиот граѓанин

Ние, нашите жени и деца треба
на колена за вас да се молиме.

Сициниј

Здравје и бериќет!

Брут

Збогум, соседи љубезни. Како Кориолан
да ве сакаше како нас.

Сите

Останете збогум!

Обајцата трибуни

Збогум, збогум.

Сициниј

Ова е посреќно и поубаво време
одошто кога луѓево трчаа по улици
заутени по буни.

Брут

Кај Марциј беше

добар водач во војна, но груб ептен,
возгордост преполн, амбициозен од умот надвор,
само-заљубен.

Сициниј

И сакаше да владее ко тиран,
сам на тронот.

Менениј

Не се согласувам со вас.

Сициниј

До сега, за жал, ако тој конзул
останеше, ќе се уверевме во тоа.

Брут

Боговите го спречија тоа на време, а Рим
си стои цел и без негова помош.
(Влегува еден едил.)

Едилот

Трибуни мои,
има еден роб што го пикнавме в затвор,
којшто вели дека Волшчаните со две војски
навлегле длабоко во римските територии
и во сета воена суровост и злоба
уништуваат сé пред себе.

Менениј

Тоа е Ауфидиј,
којшто, дознавајќи дека Марциј е во прогон
повторно роговите во светот ги пуштил
кои в корупка му беа кога Рим од Марциј беше бранет
и не смееше ни да ги помоли.

Сициниј

Што пак сега го мешаш
Марциј?

Брут

Камшикувајте го робот. Не е можно
Волшчаните мирот да го прекршиле.

Менениј

Не е можно?
Добро помниме дека е сосема можно,
зашто трипати до сега тоа се случило
барем во мое време. Но поразговарајте со робов
пред да го казните, каде ова го слушнал,
да не се случи да удирате по известувачот, со камшик
да го претепате гласникот којшто на будност нé предупредува.

Сициниј

Не ме учи мене.
Знам дека ова не може да биде.

Брут

Не е можно.
(Влегува гласник.)

Гласникот

Сите патриции, многу сериозни, одат
кон Сенатот. Пристигнале некои вести
што сите ги омацури.

Сициниј

Тоа е од робот-
оди искамшикувај го пред сите-тој крена цева,
ова е негово дело.

Гласникот

Но господине добар,
извештајот на робот е точен; ама има
и уште нешто пострашно.

Сициниј

Што може да е пострашно од ова?

Гласникот

Отворено се зборува од многу усти
колку е точно не знам, дека Марциј
здружен со Ауфидиј, против Рим води војска
и се колне на одмазда против сите
од најмал до најстар.

Сициниј

Глупости на кила!

Брут

Измислени само за да послабата страна
го врати дома добриот Марциј.

Сициниј

Уjдурма врвна!

Менениј

Веројатноста е нула:
земјата наопаку да се сврти
тој и Ауфидиј нема да се сложат.
(Влегува втор гласник.)

Вториот гласник

Ве бараат да дојдете во Сенатот ведаш.
Страшна војска предводена од Кај Марциј
здружена со Ауфидиј, беснее лудо
низ областите наши, сите пречки
ги урива, гори и коли, и зема
сé пред неа што лежи.
(Влегува Коминиј.)

Коминиј

Што работа свршивте. Нека ви е алал!

Менениј

Што има ново? Што има ново?

Коминиј

Сами направивте ќерките да ви ги силуваат,
на тил покривите оловни да ви се топат,
жените да ви ги обесчестуваат пред ваши
очи-

Менениј

Што има ново? Што има ново?

Коминиј

Храмовите до темел да ви ги срамнат
а правата ваши, до кои се држевте толку,
во дупка да ви ги втераат од сврдел.

Менениј

Те молам, што има ново?
се плашам, свршивте работа добра. Те
молам,
што има ново?
Ако Марциј со Волшчаните се здружил-

Коминиј

Тој им е бог. Ги предводи тој нив ко тиќе
неприродно, од божество создадено друго
што луѓето поарно ги обликува; а тие по
него
се задале против нас самоуверени до бескрај
ко деца затрчни по пеперутка летна
или ко касап што тепа муви.

Менениј

Добра работа свршивте,
вие и футаџиите ваши; вие што толку
верувавте во гласот на ‘рмбачите
и здивот на луко-јадачите!

Коминиј

Ќе ви го стресе тој Рим околу уши.

Менениј

Ко Херкул
што го стресе стежнатото овошје. Добра,
добра работа свршивте!

Брут

Вистина ли е, господине?

Коминиј

Ептен, и ти блед ќе станеш
пред поинаку да слушнеш. Областите редум
на бунтот се придружуваат, а тој што отпор дава
му се потсмеваат заради глупата храброст
и гине ко последен шутрак. А кој може да го криви?
Душманите ваши и негови многу го ценат.

Менениј

Готови сме до еден ако тој
благородник не покаже милост.

Коминиј

А кој да ја побара?
Трибуните не смеат од срам; народот може
милост од него да бара колку волкот
од овчарите. Пријателите најдобри, кога
би рекле, "Биди благ со Рим", би го наврединле
ко оние омразата негова што ја заслужуваат
и на непријатели би личеле.

Менениј

Вистина е така!
Да става во мојата куќа потпал
што треба да ја изгори, ќе немам лице
да му речам, "Те молам, немој." Добро, добро
ја оплескавте
вие и мајсторите ваши! Ја измајсторивте
ептен!

Коминиј

Донесовте милум
треска врз Рим, каква што до сега
никој не видел.

Обата трибуни

Не велете ја донесовме ние.

Менениј

Не, а? Да не бевме ние? Го сакавме, но ко стока,
ко велможи слаби, се тргнавме пред ордите ваши,
кои, ревејќи, го истераа од градот.

Коминиј

Ама се плашам
сега пак со рев ќе го дочекаат. Тул Ауфидиј,
второ име меѓу војските, го слуша ко дете
и во сé му се повинува. Очајот е сега
сета политика, одбрана и сила
што Рим може да го исправи пред него.
(Влегуваат група граѓани.)

Менениј

Еве ордите идат.
Дали Ауфидиј е со него? Вие сте тие
што воздухот го заразивте, во вис кога
ги фрлавте смрдените ваши мрсни капи
радосни што Кориолан си оди. Сега се враќа
и секое влакно од косата на секој војник
камшик ќе биде за вас. Колку будалски глави
фрлаа капи во вис толку тој ќе отсече
и за гласовите ќе ви плати. Ама ако,
нека сите нé изгори иста пуза,
сме заслужиле.

Граѓаните

Навистина е страшно тоа што се слуша.

Првиот граѓанин

Што се однесува до мене,
кога викав да го прогониме, велев дека е штета.

Вториот граѓанин

Исто и јас.

Третиот граѓанин

Исто и јас; и, што е право, мнозина од нас. Што направивме, направивме за општо добро, и, иако доброволно се согласивме да се прогони, сепак тоа беше против нашата волја.

Коминиј

Ама гласачи! Господ да нé чува!

Менениј

Добра работа свршивте
вие и вашиот викот. Сакаш на Капитол?

Коминиј

О, да, а што би правел друго?
(Излегуваат Коминиј и Менениј.)

Сициниј

Граѓани, одете дома; не плашете се;
тие се страна што сакаат радо
да се оствари она од кое божем се плашат. Дома
одете си и не плашете се.

Првиот граѓанин

Боговите нека нé вардат! Граѓани, одиме дома. Отсекогаш сум веле дека згрешивме што го прогонивме.

Вториот граѓанин

И сите ние. Ама, ајде, одиме дома.

(Излегуваат граѓаните.)

Брут

Камо да е сето ова лага.

Сициниј

Камо да е, камо да е.

Брут

Ајде на Капитол. Половина благо го давам сето ова да е лага!

Сициниј

Да одиме, те молам!
(Излегуваат.)

Сцена 7[35]

(Влегуваат Ауфидиј и неговиот офицер.)

Ауфидиј

Пребегнуваат ли кај Римјанинот уште?

Офицерот

Не знам кој ѓавол е во него, ама
за војниците ваши тој е како молитва пред обред,
како говор на трпеза, благодарница за сета храна,
а вие сте засенет, господару, во овој поход
дури од сопствените луѓе.

Ауфидиј

Што е тука е,
не сакам, со други средства, в корен да го сотрам
наумот наш. Кон мене тој е полош
одошто си мислев дека би можел да биде
дента кога првпат го гушнав. Но природата
негова е неменлива и морам да го простам
она што не се поправа.

Офицерот

Сепак, господару, би сакал
заради вас лично, да не се здружевте со него
во водството; што значи, или сам
да ја водевте оваа војна, или сосем
нему да му ја препуштевте.

Ауфидиј

Те разбирам добро, затоа сигурен биди
кога ќе дојде време да поднесе сметка, не знае
што можам да извадам против него. Иако, се чини,
а и тој така си мисли, а видливо е сосем
и со голо око, дека сé добро прави
и се грижи чесно за државата Волшчка,
ко змеј се бори, и постигнува успех
што мечот го извади, сепак ненаправено му
е она
што вратот ќе му го скрши или мојов,
кога конечно ќе се пресметаме.

Офицерот

Господару, мислите дека ќе го освои Рим?

Ауфидиј

Уште пред опсада му се предаваат сите места,
а племството Римско е на негова страна.
И сенаторите и патрициите го сакаа исто;
трибуните воини не се, а народот нивни
ќе биде брз да го врати ко пребрз што беше
да го протера. За Рим, мислам, тој ќе биде
ко орелот морски што е за рибите, што ги лови
со сувереноста на својата природа. Првин им беше
благороден слуга, но не можеше честа
да ја носи врамнотежено. Дали од гордост,
што излегувајќи од сам,ата среќа ја расипува вечно
среќата на среќникот; дали од лош просуд
да не се искористат пружените шанси
што му беа на дофат, дали од ујод,
да се биде еден ист, и под шлемот
ко во разговорот, да се командува во мирот
со иста строгост и на ист начин
ко во војна; дали само едно од тоа,-
а тој има по нешто од сé, иако не сé,
за ова не смеам да грешам душа-го сторија страшен,
намразен од сите, па и протеран: ама има
заслуги што сето тоа го покриваат. Значи
доблестите наши зависат од тоа како
времето ги толкува, а моќта, сама по себе
за пофалба вредна, поочигледен гроб нема
од говорницата на која нејзините дела се фалат.
Огнот со оган се тера; клинец со клинец се вади;
правото право го ништи, силата сила ја кради.
Да одиме, ајде. Кај, кога Рим ќе биде твој
најбеден ќе бидеш ти; зашто потоа си мој.

Чин ПЕТТИ

Сцена 1[36]

(Влегуваат Менениј, Кориниј, Сициниј, Брут и други.)

Менениј

Не, не одам: чувте што му рече
на оној војсководец што му беше, и кого
многу го сакаше. Ме викаше татко
но што од тоа? Одете вие што го протеравте;
на милја пред шаторот негов паднете и клекум
пат пронајдете до неговата милост. Не, ако одбил
со Кориниј да разговара, јас од овде не мрдам.

Кориниј

Како да не ме познаваше.

Менениј

Чувте?

Кориниј

Сепак еднаш навистина на име ме викна.
Го потсетив на пријателството старо и крвта
што заедно сме ја пролеале. На "Кориолан"
не ми се одзва; ми забрани како било да го вика:
рече дека е никој и ништо, човек без име
сé додека не се искова име врз огнот
на спалениот Рим.

Менениј

Ете, ете: свршивте работа добра!
Двајца трибуни што 'рмбале во Рим
јагленот да поевтини, за спомен се вредни.

Кориниј

Го потсетив колку е кралски да се прости
кога најмалку се очекува. Тој ми рече
дека тоа било само молба од држава една
до оној што бил протеран од народот нејзин.

Менениј

Многу добро.
А што требало друго да каже?

Кориниј

Пробав да му ја разбудам старата почит
кон личните пријатели. Тој ми рече
дека нема време да ги избира од купот
бучен баздлив плевел. Рече би било лудост
за едно до две бедни зрна ѓубрето да не се спали
па пак насекаде да базди.

Менениј

За едно до две бедни зрна?
Едното сум јас; мајка му, жена му, синот
и овој храбар човек, зрната сме ние,
а вие баздливиот плевел, а и корните, братко,
до над месечината. Поради вас ќе нé спалат.

Сициниј

Те молам, биди трпелив. Ако не ни помогнеш сега
кога сме во најголема нужда, тогаш барем немој
за неволјава да нé кривиш. Но ако сакаш

за татковината да го молиш, твојот вешт јазик
повеќе од војската што, еве, набрзина се збира,
може да го сопре земјакот наш.

Менениј

Не, не сакам да се мешам.

Сициниј

Те молам оди кај него.

Менениј

Што треба да правам?

Брут

Само пробај што може љубовта твоја да стори
за Рим кај Марциј.

Менениј

Добро, а да речеме Марциј
ќе ме одбие, како Коминиј што го одби,
без да го слушне; што тогаш?
Ако се вратам како потиштен пријател, столчен
од нељубезноста негова? Што ако така се случи?

Сициниј

Тогаш добрата ти волја
благодарност од Рим ќе добие за намерата
добро да сториш.

Менениј

Ќе пробам.
Мислам дека ќе ме ислуша. Иако што усната ја гризел
и мрчел на добриот Коминиј, ме обесхрабрува многу.
Може во лош час го нашол пред да седне да јаде:
вените кога се празни, крвта ни е ладна, и тогаш
на утрото се муртиме, не ни е од рака
да даваме, да простуваме; но кога сме ги нагнетиле цевките и преносниците на крвта
со вино и храна, попопустливи сме на душа
одошто во постот пустинички. Затоа првин ќе вардам
добро да се најаде
а потоа со молбата ќе навалам.

Брут

Ти добро го знаеш од љубезноста негова патот
и не можеш да го згрешиш.

Менениј

Жими вера, ќе пробам,
ќе видиме што ќе биде. Наскоро ќе се знае што сум сторил.

Коминиј

Нема да сака да го чуе.

Сициниј

Нема?

Коминиј

Ви велам, тој седи во злато, црвен
во очите ко да го гори Рим; навредата му е темничар на милоста. Клечев пред него:
а тој одвај чујно рече "Стани", и со нема рака вака, ме истера. Што ќе стори
на пишано, по мене, прати и што не ќе стори,
со заклетва врзан условите да ги исполни.
Надежта е залудна, ви велам,
освен ако благородната му мајка и жена
не отидат да измолат сега
милост за татковината. Затоа ајде
со убави молби да ги забрзаме.
(Излегуваат.)

Сцена 2[37]

(Менениј им приоѓа на стражариште.)

Првиот стражар

Стој! Каде одиш?

Вториот стражар

Запри и врати се!

Менениј

Вардите ко мажи! Така треба. Но, со ваш допуст,
јас сум државен службеник и дојден сум со Кориолан да зборувам.

Првиот стражар

Од каде?

Менениј

Од Рим.

Првиот стражар

Не може; мора да се вратиш; војсководецот наш
неќе веќе ништо од таму да слуша.

Вториот стражар

Побргу Рим ќе го видиш в пламен
одошто со Кориолан да зборуваш.

Менениј

Пријатели добри,
ако сте го чуле војсководецот да зборува за Рим
и за пријателите таму, сигурно е тогаш
дека името мое ви е познато: Менениј.

Првиот стражар

Нека си и тој, врати се: доблеста на твоето име
овде не проаѓа.

Менениј

Ти велам, братко,
твојот војсководец ми е пријател. Јас бев книга на неговите добри дела во која се чита за славата негова ненадминлива, зголемена мошне;
зошто отсекогаш пријателите сум ги крепел, меѓу кои тој е главен, и величел до рангот до кој вистината трпи. Понекогаш, велам, ко топка по гнило тло сум се тркалал подалеку од целта и на претераната фалба сум ставал печат на вистината. Затоа, братко,
мора да ме пуштиш.

Првиот стражар

Е, господине, да кажевте толку лаги во негова корист колку што кажавте зборови во своја, пак немаше да продете; не, па макар лажењето да е доблесно ко живеењето чесно. Затоа врати се!

Менениј

Те молам, пријателе, имај на ум дека се викам Менениј и дека секогаш сум бил приврзаник на твојот војсководец.

Вториот стражар

И да си лажел за него, како што велиш, јас сум тој, што кажувајќи ја вистината, ти вели дека не можеш да продеш. Затоа врати се!

Менениј

Кажи ми дали јадел? Оти пред јадење не би зборувал со него.

Првиот стражар

Ти си Римјанин, нели?

Менениј

Исто како и твојот војсководец.

Првиот стражар

Тогаш треба да го мразиш како него. Зарем вие што го истуркавте низ порти најдобриот нивни бранител и во насилно, простачко незнаење,својот штит на непријателите му го предадовте, мислите на одмаздата да му се спротиставите со недоквакани кукања на старици, со девствени молења на вашите ќерки, или со посредување на еден истрошен, изматуфен старец, каков што, ми се чини, си ти[38]? Дали мислите да го изгаснете пламенот што наскоро ќе го голтне вашиот град, со толку слабашен здив? Не, се лажете; затоа врати се во Рим, и подгответе се за вашиот крај. Осудени сте на пропаст; нашиот војсководец се заколна дека нема да ви прости.

Менениј

Момче, твојот претпоставен да знае дека сум овде, кон мене би се однесувал со достојна почит.

Првиот стражар

Мојот претпоставен не те ни познава.

Менениј

Мислев на војсководецот.

Првиот стражар

Баш му е гајле на војсководецот мој за тебе. Врати се кога ти велам, бегај: освен ако не сакаш малкуто крв да ти ја пролеам. Бегај, задоволи се и со ова. Бегај!

Менениј

Ама братко, братко мој-
(Влегуваат Кориолан и Ауфидиј.)

Кориолан

Што се случува?

Менениј

Сега братко, ќе ти кажам. Сега ќе видиш дека и јас нешто значам; ќе ти стане јасно дека обичен стражар не може да ме одвои од мојот син Кориолан. Оцени ме по приемот кај него, дали ќе те обесат или ќе те осудат на некоја друга смрт, подолга за гледање и полоша за трпење. Сега гледај и падни во несвест поради она што ти претстои. *(на Кориолан)* Нека боговите величенствени секој час беседат во синодот за твојата лична среќа нека те сакаат колку што те сака твојот стар татко Менениј! О синко, синко мој, се подготвуваш да нé спалиш: види, еве вода за гасење. Одвај ме наговорија да дојдам кај тебе, но убедени дека никој освен мене не може да те предомосли, со воздишки од портите твои ме издуваа; те проколнувам прости му на Рим и на твоите земјаци што те молат. Нека добрите богови го ублажат твојот гнев, и талогот негов нека го фрлат врз слугава овде-овој овде, којшто, како пенушка се испречи на патот мој до тебе.

Кориолан

Оди си!

Менениј

Што? Да си одам?

Кориолан

За жена, мајка, дете, не знам. Работата моја е во служба на други. Иако само моја е одмаздата, простувањето лежи во градите на Волшчаните. Дека сме блиски, тоа неблагодарниот заборав ќе го збриши пред
сожалбата да сфати колку. Затоа, оди. Ушиве ми се потврди за молбите твои одошто портите ваши пред војскиве. Но, оти те сакав земи го ова; го напишав само за

тебе,
и мислев да ти го пратам. *(Му дава писмо.)*
Уште нешто,
Менениј: не сакам да те слушам. Овој човек, Ауфидиј,
мил ми беше во Рим: но, сега, самиот гледаш.

Ауфидиј

Непоколеблив си, гледам.
(Излегуваат Кориолан и Ауфидиј. Остануваат стражарот и Менениј.)

Првиот стражар

Сега господине, дали името ти е Менениј?

Вториот стражар

Магија е, како што гледаш, со голема моќ.
Ќе знаеш да се вратиш дома.

Првиот стражар

Слушна како не́ испајпузија што ја запревме твојата величина?

Вториот стражар

Што мислиш, има причина да паднам во несвест?

Менениј

Не ми е гајле ни за светот ни за вашиот војсководец; а за тиќиња како вас одвај мислам дека постоите, толку сте безвредни. Оној којшто е волен да умри од своја рака, не се плаши од смртта од друг: нека вашиот војсководец го направи најлошото. А што се однесува до вас, останете долго тоа што сте; и бедата со времето нека ви расте. Ви го велам она што ми е речено: да ве нема!

Првиот стражар

Благороден човек, навистина.

Вториот стражар

Благороден е нашиот војсководец: тој е карпа, чинар на кого ништо не му можат ветриштата.
(Излегуваат.)

Сцена 3[39]

(Влегуваат Кориолан и Ауфидиј и другите.)

Кориолан

Утре со војските пред ѕидините римски
ќе залогориме. Партнеру во ова дело,
мора да ги известиш велможите
Волшчански колку
чесно потфатов го водам.

Ауфидиј

Само за целите нивни
со почит работеше, ушите ги затна
пред сеопштите молби од Рим: не дозволи ни еднаш
доверлив шепот, не, ниту со пријателите твои
што мислеа дека се сигурни во тебе.

Кориолан

На овој старец
што со скршено срце го испратив во Рим,
му бев помил одошто син е на татко
не, ме обожаваше дури тој. Последна можност
им беше тој; заради неговата стара љубов,
иако бев мошне суров кон него, им ги понудив
уште еднаш првите услови, што еднаш веќе
ги одбија и не можат да ги прифатат, а на многу
повеќе се надеваа од него. Само малку
попуштив. За нови посредници или молби
било државни или лични од сега не сакам
да чујам. *(Се слуша врева од надвор.)* Ха! Кој вика?
Зарем ќе ме искушат за клетвата да ја згазнам
во часот ист кога дојдов? Не доаѓа предвид!
(Влегуваат Вергилија, Волумнија, Валерија, младиот Марциј со придружници.)
Жена ми доаѓа прва; по неа пречесниот калап
во кој телово ми доби облик а за рака го држи
внукот од крвта нејзина. Бегај, љубов!
Врско секоја, право природно пукни!
Нека само тврдокорноста е доблест!
Што вреди поклонов? Овие очи на гулаб
што боговите ги тераат од кривоклетство?
Се топам,
не сум потврда земја од другите. Мајка ми се клања
небаре Олимо пред кртичник во молба
се свива; а синчето мое
има молбен поглед природата божем
велика реви, "не одбивај". Волшчаните нека
Рим го разорат и Италија ја згазат; нема,
нема ко гусан на нагонот да му робувам, туку
ќе стојам ко човек што сам себеси се створил
и никаква рода нема.

Виргилија

Господару мој, мажу!

Кориолан

Очиве не се ко оние во Рим што ги имав.

Виргилија

Тагата што вака изменети нé чини
те тера така да мислиш.

Кориолан

Ко глуп глумец сега,
ролјата сум ја заборавил, не знам до каде сум
и резил голем ми претстои. Најдобар делу од мене,
прости што сум свиреп; но не вели
затоа "Прости им на Римјаните." О, бакнеж
долг ко прогонството мое, ко одмазда сладок!
Жими љубоморната кралица небесна, овој бакнеж
од тебе го понесов, мила; и верната ми уста
оттогаш девствено го чувам. Богови! Пљампам,
а најблагородната мајка на светот,
не сум ја поздравил. Потони, колено, в земи:
(Клекнува.)

остави поголема тага на почит
од онаа на синовите обични.

Волумнија

О, стани благословено чедо!
Додека јас, на зглавје не помеко од кремен
пред тебе клечам, неприкладно почит
оддавајќи ти небаре погрешен бил до сега
односот меѓу родител и дете.
(Клекнува.)

Кориолан

Што е ова?
Ти клечиш пред мене? Пред твојот казнет син?
Тогаш чакалот нас скркестиот залив
нека удри по ѕвездите. Нека бунтовните ветришта
мавнат со гордите кедри по огненото сонце,
убивајќи ја невозможноста и да го сторат
несторливото работа лесна!

Волумнија

Ти си мојот воин:
помогнав да се створиш. Ја познаваш оваа дама?

Кориолан

Благородната сестраа на Публикула,
луната римска, кибарна ко ледник
од најчист снег што го прави мразот
и виси на храмот Дијанин! Мила Валерија!

Волумнија

Ова е скратената верзија твоја,
која, кога еднаш ќе стаса,
ќе биде лика и прилика твоја.

Кориолан

Богот на воините,
со согласност на врховниот Јупитер, нека
мислите со благородност ти ги вдахне, и скраја
да останеш од срамот, во бојот да стоиш
ко светилник моќен отпорен на секој вихор
спасувајќи ги тие што во тебе гледаат!

Волумнија

На колена, момче.

Кориолан

Тоа е мојт смел син!

Волумнија

Тој, жена ти, дамава овде и лично јас
дојдовме овде и те молиме.

Кориолан

Те молам, молчи!
Или, ако молиш, помисли првин на ова:
она што се заколнав дека нема да го дадам
не го сфаќај ко одбивање на молбите твои.
Не барајте војската да ја распуштам и пак пазар
да удрам со занаетчиите римски. Не велете ми
во што сум неприроден. Не посакувајте
да ги ладам одмаздата и гневот
во студените ваши причини.

Волумнија

О, доста, доста!
Веќе рече дека нема ништо да ни дадеш:
зашто не бараме ништо друго освенона
што веќе го одби. Ќе бараме сепак,
а ако не одбиеш, сета вина
на тврдоста твоја нека падне; слушни нé.

Кориолан

Ауфидиј, и вие Волшчани, слушајте; зашто
не сакам ништо тајно да чујам од Рим. Што молите?

Волумнија

И да молчиме и да не говориме, алиштата

наши
и изгладнетите тела откриваат веднаш
што живот живееме по прогонот твој. Сфати
колку сме ние понесреќни од сите жени
штом овде дојдовме. Оти твојот изглед
којшто би требало очите со радосници солзи
да ни ги полни, срцата на танц да ни ги шилка,
ги тера на плач и ги тресе со страв и тага,
терајќи ја мајката, жената и синот, синот,
мажот и таткото да го гледаат како ја вади
утробата на својата земја. А за нас бедните
непријателството твое е најкобно. Ти нé лишиш
од молитвите до боговите, што утеха е за сите
освен за нас; зашто како би можеле ние,
како би можеле да се молиме за земјата наша,
а на тоа сме должни, и за победата твоја
на што исто сме должни? Боже, или без земја
ќе останеме, доилката наша мила, или без тебе,
утехата наша во земјата. Сигурно нé чека
јад неодминлив, без оглед како
желбата на победа ни се исполни; зашто или
тебе мора ко туѓ прогоненик, окован во пранги,
да те водат низ улиците наши, или во триумф
да газиш по урнатините на твојата земја
носејќи го венецот зашто си ја пролеал храбро
крвта на жена ти и синот. Што се однесува до мене, синко,
немам намера исходот да го чекам
на оваа војна. Ако не успеам да те убедам
да покажеш благородна милост кон двете страни
место да уништиш една, не ќе можеш
во напад да тргнеш на својата земја без да ја згазиш
-без да ја згазиш, верувај ми-утробата на твојата мајка
што на свет те донесе.

Виргилија

Да, и мојата,
што ова дете ти го роди за твоето име
да се сочува.

Момчето

Мојата нема да ја згазне.
Ќе побегнам за да пораснам, па, тогаш, ќе се борам.

Кориолан

Да не се заразам со женска мекост,
не треба да го гледам ликот од жената и синот.
Предолго седев.
(Станува.)

Волумнија

Не, не оди од нас така.
Да баравме од тебе да ги спасиш
Римјаните, а да ги уништиш Волшчаните
на кои им служиш, можеше да нé обвиниш веднаш
ко остров за честа твоја. Но, нашата молба
е нив да ги смириш: Волшчаните да речат
ние им дадовме милост, а Римјаните ние
ја примивме; и секој обете страни
да те велича и вика, “Благословен биди
што миров го склучи!” Ти знаеш, велик сине,
исходот на војната е неизвесен, но сигурно е
ако го освоиш Рим, дека жетвата што тогаш
ќе ја ожниеш ќе биде име што клетви
секогаш ќе го следат, а хрониките вака
ќе пишуваат: “Благороден тој беше,
но со последното дело благородноста ја збриша
земјата си ја уништи и името му остана да го мразат
сите идни поколенија.” Речи нешто, сине:
се стремеше кон највисокиот дострел на честа,
ја подражаваше умно боговската милост,
го пареше со гром небесниот широк образ
разменувајќи го сулфурот овој со молња
што сепак дабот само го расцепува. Зошто молчиш?
Мислиш дека е чест за еден благороден човек

злото нанесено вечно да го памти? Говори, снао:
нему не му е гајле за твојот плач. Говори, внучко:
може твојот детски здив повеќе ќе го трогне
од нашите причини. Не постои маж на светот
што повеќе должи на мајка, а дозволува залуд
да пљампам ко да не ме гледа. Никогаш во твојот
живот не си покажл љубезност кон милата мајка,
кога таа, квачка кутра, не сакајќи втора рожба,
те праќаше во војна и те дочекуваше дома,
овенчан со почести. Речи неправична имам молба
и со презир врати ме назад; но ако не е така,
ти не си чесен, и боговите со чума ќе те сотрат
што ти ми ја одземаш должноста што една мајка
ја има. Тој се врти. Клекнете дами:
да го засрамиме кога на колена ќе нé види.
На неговото надиме Кориолан повеќе му личи
лошотилакот одошто милоста за нашите молби.
Долу! Па крај: ова е последно. Значи одиме назад
во Рим со соседите да умреме. Гледај,
ова момче што уште не знае што сака,
клечи, и со рацете во вис кренати ја брани
молбата наша со поголема сила и желба
од желбата твоја да не сфатиш. Одиме, ајде:
на овој човек Волшчанка му е мајка;
жена му е во Кориол, а ова дете сосем
случајно личи на него. Пушти нé сега:
ќе молчам дури градот не ни се најде во пламен
и дури тогаш нешто ќе речам.

Кориолан

(Ја држи молкум за рака.) О мајко, мајко!
Што стори? Гледај, се отвора она небо,
боговите долу гледаат и на неприроднава глетка
се смеат. О, мајко моја, мајко! О!
за Рим извојува победа среќна;
но за син ти, верувај, о, верувај, многу
опасно е тоа што го надсили сега,
ако не смртоносно. Но нека биде така.
Ауфидиј, иако не можам да водам права војна,
сепак добар мир ќе склучам. Сега Ауфидиј добар,
да беше на мое место, дали помалку својата мајка
ќе ја слушаше? Помалку дадеше, Ауфидиј?

Ауфидиј

Сосем бев трогнат.

Кориолан

Се колнам дека беше.
И, господине, не е мала работа од мене,
од очиве да ми капе сожалба. Но, господине добар,
кажи каков мир сакаш да се склопи? Јас сепак
не се враќам во Рим, со тебе идам; и те молам
поддржиме во ова. О мајко! Жено!

Ауфидиј

(На страна) Мило ми е што честа кај тебе
се во раздор. Од тоа, ми се чини,
поранешната среќа ќе си ја вратам.

Кориолан

(На Волумнија, Виргилија и другите.) Да, веднаш.
Но првин ќе пиеме заедно; па сведоштво од зборот
поарно назад ќе понесете, кое ние двајца
под кажаните услови ќе го завериме со печат.
Ајде, влезете со нас. Вие, госпоѓи мои,
заслужувате храм да ви кренат. Сите сабји
во Италија и сите здружени војски
не ќе можеа да го извојуваат миров.
(Излегуваат.)

Сцена 4[40]

(Влегуваат Менениј и Сициниј.)

Менениј

Го гледаш она ќоше од Капитол, оној камен-темелник?

Сициниј

Го гледам, зошто?

Менениј

Ако можеш да го помрднеш со малото прсте, тогаш има надеж дека госпоѓите од Рим, особено неговата мајка, да успеат. Но јас велам дека надеж нема; грклините ни се осудени и само чекаат да бидат пресечени.

Сициниј

Дали е возможно толку кратко време да го промени карактерот кај човека?

Менениј

Постои разлика помеѓу гасеницата и пеперутката; сепак твојата пеперутка испадна гасеница. Овој Марциј израсна од човек во змев. Има крила. Тој е нешто повеќе од обичен влекач.

Сициниј

Тој многу ја сакаше својата мајка.

Менениј

И мене ме сакаше; но сега се сеќава на мајка си колку осумгодишен коњ на својата. Киселоста на неговото лице може и зрело грозје да скисели. Кога оди, оди како видокршач и земјата се собира под неговиот од; во состојба е панцирот да го пробие со очи, зборува како камбана, а неговото"хм" е како плутон на цела батерија. Седи во тронот свој како да е создаден да биде Александар. Што ќе заповеда да се направи, со заповедта е завршено. Ништо не му недостига да биде бог освен вечност и небо да се востолчи.

Сициниј

Милост, мислам, ако верно го опишуваш.

Менениј

Му го сликам карактерот. Ќе видиш каква милост ќе донесе мајка му од кај него. Во него има милост колку што има млеко во тигар-мажјак; убаво тоа ќе го види нашиот сирот град, а сé е ова поради тебе.

Сициниј

Боговите нека ни се смилуваат.

Менениј

Не, во ваков случај, боговите нема да се на наша страна. Кога го протеравме, нив не ги почитувавме; а кога ќе се врати вратовите да ни ги скрши, нема да нé почитуваат тие нас.
(Доаѓа гласник.)

Гласникот

Господине, ако ви е мил животот, бегајте дома.
Плебејците веќе го фатија другиот трибун, го влечат горе долу и сите се колнат дека ако римските дами не донесат добри вести, ќе го убијат и тоа маченички, бавно.
(Влегува друг гласник.)

Сициниј

Што е ново?

Вториот гласник

Добри вести! Госпоѓите
успеаја. Волшчаните си заминуваат заедно со Марциј.
(Излегуваат другите присутни.)

Повесел ден не осунал во Рим уште
од протерувањето на Тарквиниј.

Сициниј

Пријателе,
сигурен си дека е така? Дали е сосем сигурно?

Вториот гласник

Сигурно како што знам дека сонцето е оган.
Каде се криевте кога коткате сомнеж?
Никогаш низ сводот не надошла таква плима
ко толпата утешени низ портите. Еве, чујте!
(Се слушаат труби, обои, барабани истовремено.)
Труби, псалтериони, кавали и гајди,
тарабуки, кимвали и толпа Римјани со викот
го тераат сонцето да игра. Слушнете!
(Однадвор се слушаат викотници.)

Менениј

Добри вести.
Одам дамите да ги пречекам. Оваа Волумнија
вреди полн град конзули, сенатори, патриции
и полно море и копно со трибуни како вас.
Добро
денеска се молеше. утринава ни грош не давав
за илјадниците ваши грла. Како се радуваат,
слушај!
(Се слуша музика и извици.)

Сициниј

Првин, боговите да те благословат за веста;
а сега
прими ја мојата благодарност.

Вториот гласник

Имаме причина сите
господару, за голема благодарност.

Сициниј

Ближат до градот?

Вториот гласник

Само што не влегле.

Сициниј

Да им појдеме на срешта
и веселбата да ја зголемиме.
(Излегуваат.)

Сцена 5[41]

(Влегуваат двајца сенатори, со господите Волумнија, Виргилија и Валерија и поминуваат преку сцената со другите велможи.

Првиот сенатор

Еве ги заштитничките наши, животот на Рим!
Свикајте ги племињата, славете ги боговите,
запалете огнови победни, цвеќиња пред нив постелете;
надвикајте ја бучавата што го протера Марциј,
со добредојде вратете го кај неговата мајка:
викајте, "Добредојдовте госпоѓи, добредојдовте!"

Сите

Добредојдовте госпоѓи,
Добредојдовте!
(Музика, барабани, труби. Излегуваат.)

Сцена 6[42]

(Влегуваат Тул Ауфидиј со придружниците.)

Ауфидиј

Одете и кажете и на градските власти дека сум тука.
Дајте им го писмово. Кога ќе го прочитаат нека дојдат на плоштад, јас кај што
пред нивните и пред ушите од сиот народ ќе потврдам дека ова е вистина. Оној што го обвинувам
сега ќе влезе низ градските порти, со намера да говори пред народот, со надеж низ зборови да остане чист. Одте брзо.
(Излегуваат придружниците.)
(Влегуваат двајца или тројца заговорници од групата на Ауфидиј.)
Добро дојдовте.

Првиот заговорник

Како е нашиот водач?

Ауфидиј

Како човек
отруен од сопствената милост
и убиен од милосрдието свое.

Вториот заговорник

Благороден вожду,
ако сé уште остануваш на намерата иста
и поддршка бараш наша, ние сме тука
од опасноста да те спасиме.

Ауфидиј

Не знам, господине.
Треба да правиме народот како што сака.

Третиот заговорник

Народот нерешителен ќе биде дури
соперништво меѓу вас има; но падот на еден
го прави другиот наследник на сé.

Ауфидиј

Знам,
и ударот мој врз него, мислам може
добро да се оправда. Јас го кренав, и со честа
емчев за неговата верност; а тој, издигнат вака
ги залеваше билките нови со роса од ласки,
пријателите мои заведувајќи ги; за целта ваква
природата си ја смекна, позната напред
како слободна, несменлива, груба.

Третиот заговорник

Господине, тврдокорноста негова
за местото козул кога се кандидираше, кое
поради неа го загуби-

Ауфидиј

И за тоа да говорам сакам.
Протеран, тој дојде на огништето мое,
грклапот свој под нож ми го стави; го примив,
содругар во службата го сторив, за сите желби
негови пат му отворив; не, дури го пуштив
од моите чети да ги избере, за планот негов
најдобрите и најсвежи мои луѓе, па дури и сам
во негова служба се ставив; му помогнав слава
да пожнее која, на крајот, цела за себе ја зеде
па дури се возгорди што ова ми го стори: па на крајот
испаднав ко јас да сум му слуга а не другар, и почна
со насмевки да ме плаќа небаре сум му платеник.

Првиот заговорник

Така правеше, господару мој.
Војската се чудеше, а на крајот
кога го имаше Рим в раце, а пленот ние
што се вика слава-

Ауфидиј

Да, токму тоа:
тука ќе запнам и најмногу ќе бидам против него;
поради неколку женски солзи, и тоа
евтини ко лаги, ги продаде крвта и трудот
на нашиот голем потфат. Затоа ќе умреме,
а јас низ падот негов ќе се обновам. Но, чујте!
(Барабани и труби, со извици на народот.)

Првиот заговорник

Во својот роден град ти влезе ко гласник
и никој не ти рече добредојде; а тој се враќа
парајќи го воздухот со врева.

Вториот заговорник

Овие трпеливи шутки
чии деца тој ги закла, подмолните грла ги дерат
оддавајќи му почест.

Третиот заговорник

Затоа, дејствувај брзо,
пред тој да проговори и сиот го одушеви народ,
нека го почувствува твојот меч којшто
ние ќе го помогнеме. Кога мртов ќе падне
приказната негова кажана од тебе, со телото
и одговорот негов ќе го закопа.

Ауфидиј

Доста за ова.
Идат големците.
(Влегуваат старешините на градот.)

Сите старешини

Големо добредојде за тебе.

Ауфидиј

Не сум го заслужил.
Но, велможи благородни, со внимание дали

го прочитавте тоа што ви го напишав?

Сите старешини

Да.

Првиот старешина

И тоа со жалење.
Грешките сторени пред последната, мислам
лесна казна заслужуваат; но да се заврши
таму
кајшто треба да се почне, и од нашата војска
успесите така да се баталат, да ни се платат
само трошоците наши и мир да се склучи
пред предавање, тоа не може да се прости.

Ауфидиј

Еве го иде: ќе го чуете и сами.
(Доаѓа Кориолан марширајќи на звукот̄ од барабани и музика. Со не̄го е и народот̄.)

Кориолан

Здраво велможи, се враќам ко ваш војник
незаразен од љубовта за својот крај ко кога
од овде тргнав, сé уште врзан верно
за вашата врховна власт. Сакам да ви кажам
дека успешно го водев овој поход, и
со крвав прелез војната ја дотерав дури
до портите на Рим. Пленот што го доне-
совме дома
за повеќе од третина го надминува арчот
за походов што го имавме. Склопивме мир
со не помала чест за Анциум
одошто резил за Рим; и ви го предавам, еве,
со потписи од конзулите и патрициите
и со печат од Сенатот она
што го договоривме.

Ауфидиј

Не читајте, велможи мои,
туку кажете му на тој предавник голем
дека овластувањето ваше го злоупотребил.

Кориолан

Предавник? Од каде?

Ауфидиј

Да, предавник, Марциј.

Кориолан

Марциј?

Ауфидиј

Да, Марциј, Кај Марциј! Да не мислиш
ќе те удостојам со грабнатото, украдено име
Кориолан, кај Кориол?
Велможи и главешини на државава, итро
ја предаде целта ваша, и го даде
за неколку солени капки, вашиот град Рим,
велам вашиот Рим, на жена му и неговата
мајка,
прекршувајќи ги лесно заклетвата и зборот
ко конче од гнила свила без за тоа да го
праша
воениот совет; на солзите од доилката своја
тој ја отцимоли и ја откука победата ваша,
на што пажовите се црвенееја, а храбрите
луѓе
во чудо се гледаа еден со друг.

Кориолан

Слушаш ли, Марсе?

Ауфидиј

Не чепкај го богот, плачко еден!

Кориолан

Ха!

Ауфидиј

Молчи.

Кориолан

Лажго подмолен, срцево сега ми се дуе
и од мака сака да пукне. "Јас плачко"! Робе!
Простете, господа, ова е првпат овде
што сум присилен да карам. Вашиот суд,
велможи сериозни, ќе каже колку лаже песов;
а совеста на оној којшто уште од мене носи лузни
и ќе ги понесе со себе в гроб, ќе даде помош
ваквата лага да ја голтне само тој.

Првиот велможа

Мир, обајцата, и слушнете што ќе речам.

Кориолан

Исечете ме на парчиња, Волшчани, мажи деца,
остриците во мене заријте ги. Јас плачко.
Куче едно
лажливо! Ако точно сте ја напишале историјата ваша,
таму стои дека ко орел во голубарник, јас
сум ги толчел Волшчаните кај Кориол
и тоа сам. Мене тој плачко!

Ауфидиј

Велможи, велможи благородни!
Зар ќе трпите да ви блада за својата среќа слепа
што срам ваш беше, овој фалбаџија дрзок
и тоа на ваше тло?

Сите заговорници

Нека умре, нека умре.

Народот

Парчосајте го! Веднаш! Веднаш!
Тој син ми го уби! Ќерка ми! Роднината Маркус
тој ми го уби! Татко ми тој го уби!

Вториот велможа

Мир, ве молам! Без насилство! Мир!
Тој е благороден, и славата негова се врти
по топката земјина. Грешките што ги стори
на суд ќе треба да ги брани. Стој, Ауфидиј!
Не руши го мирот!

Кориолан

О како на него сега,
на шестмина Ауфидиевци, на повеќе, на целото негово племе,
би го извадил јас сега праведниот свој меч!

Ауфидиј

Гаду дрзок!

Сите заговорници

Уби го, убијте го, уби го, уби го, уби!
(Заговорниците ги вадат мечевите и го убиваат Марциј којшто паѓа. Ауфидиј стапнува врз него.)

Велможите

Стојте! Стојте! Стојте! Стојте!

Ауфидиј

Велможи благородни, чујте што имам да кажам.

Првиот велможа

О, Туле!

Вториот велможа

Стори чин над кој храброста ќе плаче.

Третиот велможа

Не газете го. Граѓани, бидете мирни!
Мечевите вратете ги.

Ауфидиј

Господари, кога ќе го дознаете она што сега
во гневот од него предизвикан, не можете
да го видите, ќе сфатите колкава опасност
за вас беше неговиот живот и радост
ќе ве облее што заврши вака. Ве молам
викнете ме в Сенат кајшто или доказ
ќе добиете за службата моја верна или
казна најтешка одредете ми.

Првиот велможа

Изнесете го одовде неговото тело,
и плачете за него. Нека биде славен
како најблагородниот покојник што тргнал
во придружба кон могилата своја.

Вториот велможа

Нетрпеливоста негова
во голема мерка ја смалува Ауфидиевата
вина.
А сега најдоброто да го сториме.

Ауфидиј

Гневот ми пројде,
и тага тешка ме обзема. Кренете го.
Нека помогнат тројца најсилни. Јас ќе бидам
еден.
Удрете в барабани, тажно нека вреват;
свртете ги копјата наопаку. Иако во градов
тој завдовичи и обесчеди многу луѓе,
и раните уште печат, сепак сили смогнете
во светол спомен да остане кај нас. Помогнете!
(Излегуваат носејќи го телото на Марциј. Посмртен марш.)

Белешки

[1] Според Поуп сцената се случува на една римска улица. Граѓаните веројатно поминуваат по бината на патот за Капитол.
[2] "Тие мислат дека цената за нашата издршка е поголема од нашата вредност" (С.Џонсон).
[3] Со влегувањето на Менениј Агрипа текстот почнува да се стихува во јампски десетерец. Досега, бидејќи говореа само обичните луѓе, текстот беше во проза. Определбата на Шекспир благородниците да говорат во стих, а простиот народ во проза е сосема вообичаена во сите негови драми.
[4] Менениј ја доловува насмевката на мевот или со усните или, поверојатно, со мевот на начин што треба да ги замени зборовите "мевот им се изнасмеа на глупоста."
[5] Од побунетите граѓани. Мувлосаноста асоцира на чума: кајшто има мувла се зачнува чума, а чумата е опасна за Рим, или, уште попрецизно, Кај Марциј се радува на војната со Волшчаните бидејќи таа нуди можност Рим да се ослободи од вишокот граѓани кои котат чума и се баласт за државата. Јасно е дека Шекспир добро ја знаел тактиката со надворешни војни да се спречат внатрешните немири.
[6] Односно чдната месечина врзана со божицата Дијана: можеби со сугестија дека Марциј ѝ се потсмева на месечината поради нејзината воздржаност.
[7] Сцената отпрвин е лоцирана само во Рим но, подоцна, уредниците прецизираат дека станува збор за домот на Кај Марциј. Марциј зел жена по желба на мајка си и имал две деца.
[8] Се однесува на учеството на Марциј во војната против Латините под Тарквиј во која тој беше овенчан со венец од дабови гранки за спасување на еден римски војник. Повеќе за чинот на овенчување види кај Плутарх.
[9] Според Поуп сцената е поставена во римскиот логор.
[10] Според Поуп сцената е лоцирана во Кориол, а според Кепел кај портите на Кориол. Се чини првите сценски напатствија упатуваат на портите на Кориол.
[11] Според Попуп, римскиот логор, според Кепал, бојното поле помеѓу Римјаните и Волшчаните.
[12] Зборот Африка кај Шекспир се јавува само еднаш. Четири пати, како овде, е даден како *Afric*.
[13] Римјаните (исто како и Британците) истакнуваа дека се по потекло од Тројанците.
[14] Влегувањето на Римјаните од обете страни на сцената се одраз на нивната тотална превага во бојот. Можно е да е употребена шаторска конструкција.
[15] Според Поуп лоцирана во логорот на Волшчаните.
[16] Сцената е лоцирана на еден од римските плоштади.
[17] Авгур или птицогатач бил римски свештеник којшто ги толкувал знаците произлезени од летот, песната и начинот на хр анење на птиците и според нив давал совети како да се водат јавните работи.
[18] Редакторите ја лоцираат на Капитол. Шекспир сметал дека "Капитол" е тврдина и седиште на Сенатот. Всушност тоа бил храм на Јупитер на јужниот врв на планината Капитол, додека тврдината била на северниот врв. Историски, Сенатот најчесто заседавал во *Cura Hostilia* близу до Форумот.
[19] Во оригинлот стои *Amazonian chin*, како Амазонка
[20] Плутарх, главниот извор за делово на Шекспир го споменува обичајот низ кој морал да мине секој кандидат за конзул, односно, во сиромашна тога, како некој бедник, да оди низ народот, да ги покажува раните и да ги моли да се сетат на него на денот на изборите. Јасно е дека токму тука, поради карактерот што го има Кориолан, започнува неговиот пад.
[21] Според Поуп во Форумот, а според Најт на плоштад.

[22] Контекстот бара *руси,* иако оригиналното значење на зборот *abram* е *жолтникав,* а модерното *златно-кафен.*
[23] Лоцирана според едни во Рим, според други на улица.
[24] *Aediles Plebeii* воведени во исто време со трибуните, веројатно како нивни помошници или извршни службеници.
[25] Стена на Капитол што редовно се користела за егзекуција на криминалците и предавниците.
[26] Најмногу од коментаторите ја лоцираат во домот на Кориолан.
[27] Пред да станеш конзул.
[28] Обично лоцирана од сите коментатори на Форум или на плоштад.
[29] *Роу* ја лоцира сцената надвор од Рим, *Поуп* кај римските порти а *Тиобалт* пред портите.
[30] Коментаторите, следејќи го *Кепел*, ја лоцираат сцената на улицата што води до градските порти.
[31] Според *Роу* лоцирана во Анциум, според *Кепел* на Волшчанска територија-пат. Најмногу се сложуваат со *Мелоун*- патот помеѓу Рим и Анциум.
[32] Сцената е сместена според *Кепел* во Анциум, пред куќата на Тул Ауфидиј.
[33] Според *Роу,* салон во куќата на Ауфидиј.
[34] Според *Роу* и *Тиобалт* сцената се случува во Рим, на плоштад.
[35] Коментаторите го следат *Тиобалт* и ја сместуваат сцената во логор близу Рим.
[36] Коментаторите го следат *Тиобалт* и ја сместуваат сцената на плоштад во Рим.
[37] Коментаторите, во најголема мерка го следат *Тиобалт* којшто ја лоцира во волшчанскиот логор со додавка пред Рим.
[38] Се чини, целата фатеност и немоќ на Рим пред налетот на Кориолан е опишана низ оваа метафорична реплика на стражарот.
[39] *Кепел* ја лоцира во шаторот на Кориолан.
[40] Лоцирана според *Тиобалт* кај Форумот а според *Кепел* на плоштад. Изгледа дека Шекспир мислел на Капитол бидејќи се гледа од плоштадот.
[41] Некои коментатори ја продолжуваат претходната сцена; други го следат *Кепел* "улица близу до портите."
[42] *Плутарх* ја сместува во Анциум, а Шекспир изгледа него го следи алудирајќи на родниот град на Ауфидиј.

Талисманъ
отъ Амины

Наслов на оригиналот:

Timon of Athens

ЛИЦА:

Тимон, атински благородник
Луцић, благородник, ласкач на Тимон
Лукул, благородник, ласкач на Тимон
Семпроније, благородник, ласкач на Тимон
Вентидиј, еден од лажните пријатели на Тимон
Алкибијад, атински воен заповедник
Апеманте, прост филозоф
Флавиј, управник на имотот од Тимон
Фламиниј, слуга на Тимон
Луцилиј, слуга на Тимон
Сервилиј, слуга на Тимон
Кафис, слуга на доверител на Тимон
Филоша, слуга на доверител на Тимон
Тит, слуга на доверител на Тимон
Луцић, слуга на доверител на Тимон
Хортенсије, слуга на доверител на Тимон
Слуги на Варо.
Слугите на Исидор
Двајца доверители на Тимон
Купидон и маскирани танцувачки
Тројца странци
Поет
Сликар
Златар
Трговец
Еден стар Атинчанец

Паж
Будала

Фринија, љубовница на Алкибијад
Тимандра, љубовница на Алкибијад

Други велможи, сенатори, војници, арамии, придружници.

Тимон од Атина е една од т.н. не многу познати драми на Вилијам Шекспир која, по којзнае кој пат, нé уверува дека не постојат, барем кога станува збор за Шекспир, големи и мали, важни и неважни драми, туку дека, секое негово драмско дело, во мигот кога станува жител на нашата свест, истовремено во неа ги внесува и големата возбуда и пријатното изненадување дека авторот е повторно нов, голем и дека уште еднаш успеал да го потврди Борхесовото "Никој пред него не успеал толку успешно да биде толкумина." Едноставно човек да се уплаши колку тучна енергија лежи зад идејата да се стави, преку ликот на господарот Тимон, мизантропството на распетие, да се манифестира очајот што му е потхрана и вдахновение, притоа да се стигне до самиот раб, да се haspe во амбисот на човековата ментална и психо-физичка конституција но да не се падне во него туку преку еден друг лик, Алкибијад, да се обнови нормалната состојба на духот и работите да се вратат во границите на прифатените норми на однесување и да се поткрепи идејата дека секогаш имало и ќе има некаков си Фортинбрас или Сер Гавејн или Исус што ќе ја обноват природата, животот, ќе турат пепел на актуелниот привид и ќе отворат поле за нов, поприврлечен и поубав привид. Со други зборови, драмата за овој лудак чие лудило е повеќе поетски мотивирано одошто драмски изведено кажува многу повеќе за состојбата на духот на самиот Шекспир одошто за состојбата на човекот којшто на еден од атинските плоштади ги повикува сите живи Атинчани да побрзаат и да се обесат на смоквата што расте во неговиот двор зашто поништил да ја сече!

Драмата изгледа воопшто не била играна или печатена, туку за првпат се појавува во Првото фолио издание од 1623 година со многу грешки во самиот текст и по сé изгледа останала, до ден денешен, недовршена. Јасно е дека Шекспир сигурно ги работел почетокот и крајот, додека слабостите што мнозина критичари ги наоѓаат во средишните чинови, ги припишуваат на двојното авторство односно на постоењето друг автор којшто или работел врз драмата на Шекспир или обратно Шекспир ја преправал и усовршувал неговата драма за Тимон. Сепак, стилските карактеристики, посебно употребата на поетските слики, водат кон заклучок дека Шекспир ја напишал целата драма и дека не станува збор за никакво двојно авторство.

Инаку трагедијата ***Тимон од Атина*** како и неколкуте други "римски драми" на Шекспир е заснована врз *Животите* од Плутарх во превод на Норт од француското (мошне влијателно) издание на Амие од 1559 година. Посебно се користени животот на Алкибијад којшто е спореден со животот на Кориолан и животот на Марк Антониј. Вториот, директен извор, веројатно бил дијалогот на Луцијан *Тимон човекомрзецот*.

Драмата е најслична со *Крал Лир* иако хронолошки веројатно доаѓа по *Кориолан* а пред *Тит Андроник*.

Ова е второ издание на првиот превод од ***Тимон од Атина*** на македонски јазик.

Чин ПРВИ

Сцена 1[1]

(Влегуваат поетот, сликарот, златарот, трговецот од различни страни.)

Поетот

Добар ден, господине.

Сликарот

Мило ми е што сте добри.

Поетот

Одамна не сум ве видел; како е светот?

Сликарот

Се троши, господине, и старее.

Поетот

Да, одамна така рекле.
Ама има ли некаква реткост, некаква
чудност за која уште не се чуло? Гледај,
овардо на магичното, духовиве моќта твоја
ги призва да ѝ служат. Го знам трговецон.

Сликарот

Ги знам обајцата: оној онде е златар.

Трговецот

О, тој е племенит господин.

Златарот

Така е. Тука нема збор.

Трговецот

Еден таков мајка раѓа, навикнат, да речам,
на неуморно и постојано правење добро.
Ненадминлив е.

Златарот

Овде имам бесценет камен -

Трговецот

Дај да видам, те молам. За господарот
Тимон, не?

Златарот

Ако плати добро. Но по однос на тоа –

Поетот

(На страна на сликарот)
Кога за награда ние
лошите ги величиме,
тогаш се валка сјајот на стихот среќен
што достојно добрите ги опева.[2]

Трговецот

(Загледан во бесценетиот камен.)
Убав облик.

Златарот

И многу скап. Гледај колку е просирен и
колку болска.

Сликарот

Задлабочени сте, господине, во некое дело,
некоја посвета на големиот господар.

Поетот

Ми побегна една мисла.
Нашата поезија е како гума што се цеди
од сопствениот извор; нема оган
од кремен-каменот без удар: племенитиот наш пламен
сам од себе се пали и како глава од вода
незадржливо носи сé пред себе. Што имаш таму?

Сликарот

Слика, господине. Кога излегува вашата книга?

Поетот

Веднаш штом ќе ја предадам, господине.
Да видам што сте направиле.

Сликарот

Не е лоша.

Поетот

Лоша? Одлична е, мајсторски сработена.

Сликарот

Па, така.

Поетот

За восхит е. Убавината на ликот
говори сама за себе. Каква ментална сила
извира од очиве. Колку моќно вообразбата
бликнала на усните! Немотијата на гестот
многу кажува.

Сликарот

Мала имитација на животот.

Гледај го потегов: добар е?

Поетот

Би рекол
дека природата ја учи; уметничкиот напор
е присутен во потезиве, од животот пожив.
(Влегуваат неколкумина сенатори кај Тимон.)

Сликарот

Кај овој голем човек секогаш врие!

Поетот

Сенаторите атински, среќни луѓе.

Сликарот

Цела врвулица!

Поетот

Врвуличиште, врие гости од сите страни.
Во оваа сирова песна имам скицирано човек
кого овој потчинет свет го гушка и сака
со отворена љубезност. Мојата слободна мисла
не се задржува на поединости, туку се лизга
по отвореното море: никаква вперена злоба
не заразува ни делче од идејата што ја следам,
туку орловски се крева, смело, право горе
не оставајќи трага зад себе.

Сликарот

Како да го разберам ова?

Поетот

Ќе ви објаснам.
Гледате како многу луѓе, со умишта разни,
зборливи, лигави, сериозни и строги, му нудат
услуги нна господарот Тимон: огромното негово азно,
со кое располага неговата великодушна

умност,
му ги потчинува и присвојува за неговите љубов и дружба
сите срца; да, од огледалоликиот ласкач[3]
до Апемант, којшто малку работи повеќе сака
од поривот сам да се мрази – дури и тој паѓа
на колена пред него и спокојно се враќа
богато награден ако само Тимон му кимне.

Сликарот

Ги видов како зборуваат заедно.

Поетот

Господине,
кај мене на висок и преубав рид
божицата на среќата на трон седи. Долу под ридот
најразлични по вредност луѓе, природи разни
кои се трудат на градите од оваа сфера
богатството да си го намножат. Меѓу нив сите,
што очите ги втренчиле во врховнава дама,
стои и човек што го прикажува ликот на Тимон
кого божицата со бела рака кај себе го вика,
а тој, одма племенит, веднаш во робови и слуги
ги претвора соперниците.

Сликарот

Многу добра идеја.
Овој трон, оваа божица, ридов, ми се чини,
со само еден човек викнат од сите долу
а тој, свиткан, со главата долу по стрмото брдо
кон среќата своја се накачува, може многу добро
и со сликарски средства да се прикаже.

Поетот

Но, господине, има уште: -
Сите тие што до неодамна другари му биле,
некои и од него подобри, по неговите стапки
веднаш тргнуваат, салите негови ги полнат,
истураат обожавателски шепоти во негово уво,
узенгијата света му ја сметаат и велат дека му се должни
дури за слободниот воздух што го дишат.

Сликарот

Да, добро, а после?

Поетот

Но кога божицата во своите чудни мени
го отфрли последниот љубимец, свитата цела
што душка по него до планинското седло
ползејќи на сите четири, ќе го остави да се лизне
не башмарејќи го неговиот пад.

Сликарот

Секогаш е така.
Можам да ви покажам илјадници поучни слики
што говорат попластично за ујот на среќата
од самите зборови. Сепак правите добро
што ќе му покажете на господарот Тимон
дека векот е скала.
(Труби. Влегуваат господарот Тимон којшто љубезно ги сослушува молбите, гласник од Вентидиј којшто разговара со него, Луцилиј и други слуги.)

Тимон

В затвор е, велиш?

Гласникот

Да, господару добар. Пет таланти должи;
средствата му се мали а поверителите строги.
Писмо гарантно тој од вас бара,
до оние што го затворија, оти без него
без можност е да се спаси.

Тимон

Благородниот Вентидиј. Добро,
не сум од оној ков луѓе што на цедило
го оставаат пријателот во нужда. Го знам
добро,
тој е господин што заслужува помош,
и ќе ја добие. Ќе го ослободам, долгот ќе го
платам.

Гласникот

На вашето господство вечен должник ќе ви
биде.

Тимон

Поздрави го од мене; откупнината ќе ја
пратам.
Кога ќе го ослободат нека дојде кај мене.
Не е доволно да се најдеш некому во мака,
важно е после и да го поткрепеш. Збогум.

Гласникот

Аир и бериќет да имате, господару!
(Влегува еден стар Атинчанец.)

Стариот Атинчанец

Господару Тимон, слушни што ќе ти речам.

Тимон

Кажи, татко мој добар.

Стариот Атинчанец

Имаш слуга, се вика Луцилиј.

Тимон

Имам таков. Што е со него?

Стариот Атинчанец

Најблагороден Тимоне, викни го пред тебе.

Тимон

Присутен е овде или не? Луцилиј!

Луцилиј

Овде, ви стојам на услуга, господару.

Стариот Атинчанец

Овој акмак овде, господару Тимон, овој
апаш
ноќе доаѓа во мојата куќа. Јас сум човек
што отсекогаш сум сакал да штедам
и мојот имот заслужува наследник подруг
од овој што тафтава ја држи.

Тимон

И? Што треба да стори?

Стариот Атинчанец

Ќерка единица имам, друга рода немам,
и само нејзе можам да ѝ го оставам она што
го имам.
Момата е лична, за невеста токму,
за воспитувањето нејзино вложив многу
да биде доблесна и умна. Овој твој слуга
сака да ја освои. Те молам, господару добар,
помогни ми да му забраниме да ја гледа;
зашто сам не можам ништо да сторам.

Тимон

Човекот е чесен.

Стариот Атинчанец

Таков нека и остане, Тимон.
Чесноста, сама по себе, награда е за него.
Само од ќерка ми нека се тргне.

Тимон

Дали таа го сака?

Стариот Атинчанец

Млада е и не знае што сака.
Искуствата поранешни ńе учат
дека младоста е лудост.

Тимон

(На Луцилиј)
Дали момата ја љубиш?

Луцилиј

Да, господару добар, а и таа ме љуби.

Стариот Атинчанец

Ако без моја согласност се мажи,
боговите нека ми бидат сведоци дека
од питачите белосветски наследник ќе изберам
и нејзе од наследството ќе ја лишам.

Тимон

Што приќе ќе добие таа
ако се мажи за маж на себе рамен?

Стариот Атинчанец

Три таланти веднаш; во иднина, сé.

Тимон

Овој млад човек ме служеше долго.
За да биде среќен, јас ќе му дадам нешто,
зашто човечки е така. Дај му ја ќерка ти!
Колку ти дадеш, толку и јас нему ќе му дадам,
за да се израмни со неа.

Стариот Атинчанец

Господару великодушен,
со честа твоја заемчи ми и негова е таа.

Тимон

Еве ти рака; ветено е со честа моја.

Луцилиј

Понизно фала, господару. Никогаш
добро да не видам и добро да не ме најде
а да не биде ваше.
(Излегуваат.)

Поетот

Еве го трудот мој и да живеете вечно!

Тимон

Ви благодарам. Пак ќе разговараме.
Не одете! Што имате, пријателу, вие?

Сликарот

Слика една, а вашето господство го молам да ја прими.

Тимон

Сликата е добредојдена.
Сликата е речиси природен човек.
Бидејќи нечесноста со природата човечка е во дослух
тој е ко под маска; фигуриве од вашата четка
се исти како што изгледаат. Делата ваши ми се допаѓаат, а ќе видите дека е така. На прием
чекајте зашто сигурно ќе ве викнам.

Сликарот

Боговите нека вечен живот ви дадат!

Тимон

Добра среќа, господа. Дајте ми рака;
мора да ручаме заедно. Господине, за бесценетиот
ваш камен не се зборува добро.

Златарот

Како господару, го црнат?

Тимон

Не, туку го белат над цената.
Ако ви платам според фалбите верно
ќе останам на питачки стап.

Златарот

Господару, цената е таа
кај продавачите; но и сами знаете добро,
дека работи со иста вредност, кај различни газди,
се ценат според угледот на стопанот. Еве, велам,
вредноста ќе му порасне ако го носите вие.

Тимон

Убаво ме маткаш.

Трговецот

Не, господару; тој зборува просто,
оти сите други луѓе така му велат.

Тимон

Гледајте кој доаѓа; сте за малку прекор?

Златарот

Ќе поднесеме, ако вашето господство може.

Трговецот

Никого тој нема да штеди.

Тимон

Добро ти утро, Апеманте мој добар.

Апемант

Ќе почекаш со доброто утро, дури јас станам добар,
ти песот на Тимон, а подлеците чесни.

Тимон

Не ги познаваш а подлеци ги викаш?

Апемант

Не се Атинчани?

Тимон

Се.

Апемант

Тогаш нема зошто да се каам.

Златарот

Ме познаваш, Апеманте?

Апемант

Ти знаеш дека те знам, те викнав на име.

Тимон

Многу си горд, Апеманте.

Апемант

На ништо како на тоа што не сум како Тимон.

Тимон

Каде си тргнал?

Апемант

Да му го истурам мозокот на еден чесен Атинчанец.

Тимон

За такво дело се плаќа со живот.

Апемант

Точно, доколку по закон, ненаправеното

дело се казнува со смрт.

Тимон

Како ти се допаѓа сликава, Апемант?

Апемант

Добро е што не прави никакво зло.

Тимон

Зарем сликарот не направил добро уметничко дело?

Апемант

Поарно направил тој што сликарот го направил, а сепак тој е само едно валкано дело.

Сликарот

Ама си пес!

Апемант

Мајка ти е од мојот вид. Што е таа, ако јас сум пес?

Тимон

Ќе ручаш со мене, Апемант?

Апемант

Не, не јадам господа.

Тимон

Кога би ги јадел, би ги налутил госпоѓите.

Апемант

О, тие јадат господа; затоа имаат големи мевови.

Тимон

Ова е непристојна забелешка.

Апемант

Ти така велиш, не јас; нека ти е на здравје.

Тимон

Како ти се допаѓа бесценетиов камен, Апеманте?

Апемант

Ни колку чесна зделка која нокого ни пара не го чини.

Тимон

Што мислиш, колку чини?

Апемант

Не чини да си го арчам умот за тоа. Како си, поету?

Поетот

Како си ти, философе?

Апемант

Ти лажеш.

Поетот

Не си философ?

Апемант

Сум.

Поетот

Тогаш не лажам.

Апемант

Не си поет?

Поетот

Сум.

Апемант

Тогаш лажеш. Види си го последното дело во кое го претставуваш како човек достоен за фалби.

Поетот

Не го претставувам лажно туку тој е таков.

Апемант

Да, достоен е за тебе и вреди да го фалиш зашто ти плаќа за трудот. Кој сака да му ласкаат, достоен е на ласкачот. Камо да бев големец!

Тимон

Што ќе стореше, Апеманте?

Апемант

Она што Апемант го прави и сега; од срце ќе го мразев големецот.

Тимон

Значи, самиот себе?

Апемант

Да.

Тимон

Зошто?

Апемант

Зашто во гнев сум посакал да бидам големец. Не си ти трговец?

Трговецот

Да, Апеманте.

Апемант

Трговијата да ти дојде до ак, ако не боговите!

Трговецот

Кога тоа го прави трговијата, значи го прават боговите.

Апемант

Трговијата е твојот бог, па богот твој нека ти дојде до ак!
(Труби. Влегува еден слуга.)

Тимон

Зошто се труби?

Слугата

Алкибијад иде со дваесет коњаници свои, сѐ другари одбор.

Тимон

Дочекајте ги добро, нека дојдат овде.
(Излегуваат неколку слуги.)
Мора да ручате со мене. Не можете дома без да ви заблагодарам. По ручекот веднаш ќе ја видам сликата. Мило ми е што сте овде.
(Влегуваат Алкибијад со придружниците.)
Добредојдовте, господине!

Апемант

Ајде, ајде, само така!
Костобол да ги фати и да ги исуши вашите свивливи спони!
Малку има љубов меѓу апашиве свилени а љубезноста е маска! Се изродил родот човечки

во мајмуни и лишки.

Алкибијад

Господине, гладта да ве видам е задоволена, зашто се хранам сега дрчно од вашето лико.

Тимон

Добро ми дојдовте, господине.
Пред да заминете, ќе прође доста време во уживања разни. Да влеземе, те молам.
(Заминуваат сите освен Апемант. Влегуваат двајца големци.)

Првиот големец

Кое време е од денот, Апеманте?

Апемант

Време да се биде чесен.

Првиот големец

За тоа секогаш е време.

Апемант

Проклет да си што за тебе никогаш не е време.

Вториот големец

Одиш на гозбата на господарот Тимон?

Апемант

Да, да видам како месото рани апаши а виното загрева будали.

Вториот големец

Збогум, збогум.

Апемант

Будала си што двапати ми велиш збогум.

Вториот големец

Зошто, Апеманте?

Апемант

Требаше едно да си зачуваш за себе зашто не мислам да ти речам збогум.

Првиот големец

Оди обеси се!

Апемант

Не, нема да направам ништо што ти ќе ми заповедаш. Барај си го тоа од пријателот.

Вториот големец

Мавни се, песу лајав да не ти ги удрам клоците!

Апемант

Бегам како пес пред копитата на едно магаре.
(Излегува.)

Првиот големец

Тој е против цело човештво. Но да влеземе ајде
и да вкусиме од издашноста на господарот Тимон.
Тој го надминува самото срце на љубезноста.

Вториот големец

Едноставно ја сипа. Плутон, богот на сето злато
на услуга му стои. Нема заслуга што тој не ја плаќа
седумпати повеќе од нејзината вредност: ни дар за него
за кој дародавецот не добива за возврат над секоја мерка.

Првиот големец

Најблагороден дух во него е влезен, а таков еднаш се раѓа.

Вториот големец

Долго со азното нека ни живее. Ќе влезеш? Еве, ќе ти правам друштво.
(Излегуваат.)

Сцена 2

(Обоите свират гласна музика. Подготовки за голема гозба. Влегуваат Тимон, атинските големци и сенатори Вентидиј кого Тимон го ослободува од затвор, Луциј и Алкибијад. Слуги. Потоа, на крајот, влегува Апеманта, незадоволен како и секогаш.)

Вентидиј

Многупочитуван Тимоне,
боговите сакаа на староста од татко ми да се сетат,
па го викнаа во вечен мир.
Си замина среќен, а јас останав богат.
Значи, по благодарната доблест јас сум врзан
за вашата широкоградост и талантиве ви ги враќам
удвоени со благодарност и услужност, со чија помош
слободата ја добив.

Тимон

Не доаѓа предвид,
чесен Вентидиј. Погрешно љубовта ми ја сфаќаш;
јас од срце ти ги подарив за навек и никој не може да каже дека дава, ако назад прима.
Ако подобрите од нас така прават, не смееме ние
да ги подражаваме; едно сме ние, богатите друго.

Вентидиј

Колку благороден дух!

Тимон

Не, господа, формалностите се воведени првин
блесок да им дадат на темните дела, ладниот дочек,
љубезноста одбивна, премислена уште пред да се јави;
но кајшто има пријателство вистинско,

потреба од нив нема.
Те молам, седни; подобредојден си ти за богатството мое
одошто богатството мое за мене.

Првиот големец

Господару, ние секогаш сме го признавале тоа.

Апемант

Сте признале, а? Тогаш нека ве обесат, така?

Тимон

О, Апеманте, добро си ми дошол.

Апемант

Нема да ти речам добро те најдов,
оти сум дојден да ме исфрлиш низ врата.

Тимон

Уф, ама си суров, толку наопак уј имаш
што на човека не приличи; за осуда си.
Обично се вели, господа, *Ira furor brevis est*[4]
ама овој човек налутен е вечно.
Ајде, најдете му засебна маса,
зашто со никого не сака да седи,
а ако седи, никој не се чувствува добро.

Апемант

Ме задржуваш на сопствен ризик, Тимон
зашто дојдов, те предупредувам, само да гледам.

Тимон

Прави што сакаш; ти си Атинчанец, па според тоа, добредојден си. Бидејќи самиот немам моќи да те замолчам, нека јадењето мое го стори тоа.

Апемант

Ја презирам твојата храна; ќе ме задави сосем,
зашто никогаш нема да ти ласкам. О богови!
Колку луѓе го јадат Тимона, а тој не може да види!
Зарем толкумина да макаат од крвта на еден човек?
А лудоста е во тоа што тој самиот на тоа ги поттикнува!
Ме чуди што луѓе веруваат на луѓе.
Треба без ножеви да се канат на гости:
добро е тоа за јадењето и сигурно за нивниот живот.
Многу примери има вакви; оној што до тебе седи
лебот со тебе го дели, од ист пехар пие, ептен
е азер да те убие. Докази за ова има безброј.
Да сум голем човек би се плашел на јадење да пијам,
зашто грклапот тогаш најизложен е на удар.
Големите луѓе треба да пијат со грклапот во оклоп.

Тимон

Од срце, на здравје, господине; пехарот нека кружи!

Вториот големец

Нека оди од овде, господине добар.

Апемант

Да оди од овде? Паметен гад. Не испушта ништо.
Еднаш здравициве, Тимоне, и тебе и на богатството твое
ќе им дојдат до ак.
Ова е она слабо што не те претвора во грешник,
оваа вода чесна што човека не го фрла в батак.
Таа и хранава му служат на моето здравје
за благодарност на боговите, прегордо е ова славје.
(Призивањето на Апеманта)
Богови бесмртни не ви барам азно
молењето за себе само ми е важно.

Не давајте да станам улава авет
во луѓето да верувам заради завет
на блудницата зашто солзи лие
на кучето што се преправа дека спие
на темничарот слободата што ја штеди
на пријателот кога надојдат беди.
Амин. А сега да навалам ајде
богатиот гнете, сиромавиот корења јаде.
(Јаде и пие вода.)
И убаво нека ти е на срце, Апемант.

Тимон

Војсководецу Алкибијад, срцето ви е на бојното поле.

Алкибијад

Срцево секогаш ми е на ваша услуга, господару.

Тимон

Порадо би го нападнале непријателот на доручек, одошто за ручек да седите со пријателите.

Алкибијад

Нема подобро јадење, господару, од она кога душманот крвари; на најдобриот пријател таква гозба би му посакал.

Апемант

Тогаш би сакал сите овие ласкавци да ти се непријатели, па сите да ги убиеш, а мене да ме викнеш на гозба.

Првиот големец

Камо да ја имаме таа среќа господару, еднаш да ги ставите на проба нашите срца, па да се види колкава е нашата приврзаност кон вас, тогаш ќе бидеме ептен среќни.

Тимон

Не сомневајте се, пријатели добри, дека боговите сами се погрижиле еднаш да ми притребате; инаку како би биле мои пријатели? Зошто баш вас од илјадници други би ве нарекувал со ова мило име, да не ми сте толку блиски до срце? Повеќе сум говорел за вас со себе одошто вие, онака скромни, би можеле за себе да кажете; и уверен сум во вашата љубов. О богови, си велев, зошто ни треба да имаме пријатели, ако некогаш не ни притребаат во нужда? Тие би биле најнепотребни живи суштества ако не се тука да ни се најдат, нешто како најубави инструменти пикнати во футролите што прекрасниот звук го чуваат само за себе. Дури честопати сум посакувал да бидам посиромашен само за да ви бидам поблизок. Родени сме да правиме добри дела; а што подобро и посоодветно можеме да го наречеме наше, ако не богатството на нашите пријатели? О, колку драгоцена утеха е сознанието дека имаш толку пријатели што како браќа располагаат со своите имоти. О, радост што на солзи тераш уште пред да се родиш! Чинам, очиве солзите радосници не можат да ги задржат. За да ја прикријам слабоста, во ваше здравје сега наздравувам.

Апемант

Ти плачеш, Тимоне, само за да ги натераш да пијат.

Вториот големец

Радоста се зачна на ист начин и во нашите очи,
и во истиот миг ко доенче расплакано брзгна.

Апемант

Хо, хо! Се смеам кога ќе ми текне дека беблакот е копиле.

Третиот големец

Верувајте, господару, ме трогнавте многу.

Апемант

Да, да, ќе умре од трогнатост!
(Се слушаат труби.)

Тимон

Што значат трубиве? Кој доаѓа?
(Влегува еден слуга.)

Слугата

Ве молам, господару, некои дами
навалуваат да ги примите.

Тимон

Дами? Што сакаат, ти се молам?

Слугата

Со нив доаѓа и еден претходник, господару,
со задача да ви каже што сакаат.

Тимон

Те молам нека повелат веднаш.
(Влегува Купидон.)

Купидон

Поздрав до тебе, честит Тимоне, и до сите
што од благодетите негови јадат! Петте најдобри сетила
те признаваат за нивен патрон и слободно го поздравуваат
големото срце твое.
Ете, вкусот, допирот, сите на трпезава се важни,
А овие ви идат ко за очите ваши празник.

Тимон

Добредојдени се сите; примете ги фино.
Музиката нека ги поздрави.
(Излегува Купидон.)

Луцилиј

Гледате, господару, колку многу сте сакан.
(Музика. Повторно влегува Купидон, со маскирани дами како Амазонки кои со флејти свират и играат.)

Апемант

Опаа!
Каква парада на суетата наваму иде.
Па тие играат? Ова се луди жени.
Лудост е иста славата на овој живот
ко гозбава што е спрема корењево мое
и малкуто масло. Од себе будали правиме,
заради забава, ги пиеме со ласки некои луѓе,
а потоа врз староста испиеното им го блуеме
уште зачинето со презир и злоба.
Кој жив не е клеветен и не клевети?
Кој умира а в гроб да не понесе една
барем боцка од пријателот како дар?
Се плашам овие што пред мене играат сега
еден ден да не ме згазнат. Нема тука
непозната:
на зајдисонцето луѓето му затвораат врата.
(Големците стануваат од трпеза, укажувајќи му почест на Тимона, а за да ја покажат нивната љубов, секој избира по една Амазонка, па сите играат, машко со женско, весели и срекни додека не престане музиката.)

Тимон

Многу убавина додадовте, убави дами,
многу отменост на веселбава наша,
што без вас, ни оддалеку не би била ваква;
придодадовте вредност, блесок сјаен
и не забавувавте онака како што смислив.
За ова ќе ви се заблагодарам.

Првата дама

Господару, вие не прифаќате од најубавата
страна.

Апемант

Да, оти најгрдата ви е гнасна и никој не ја

прифаќа.

Тимон

Дами, ве чека скромна гозба. Ве молам, заповедајте.

Сите дами

Благодариме од срце, господару.
(Излегуваат Купидон и дамите.)

Тимон

Флавиј!

Флавиј

Господару?

Тимон

Донеси го ковчежето, веднаш!

Флавиј

Одма, господару. *(За себе.)* Азно, азно уште! Во расположението добро не сакам да го лутам
инаку некој треба да му каже, навистина треба,
зашто кога сé ќе појде, тогаш тој ќе се лути што не сум му кажал.
Штета што издашноста без очи е на тилот па на луѓето отпосле заради неа им е криво.
(Излегува.)

Првиот големец

Каде се нашите луѓе?

Слугата

Овде, господару, спремни се.

Вториот големец

Коњите!
(Флавиј се враќа со ковчежето.)

Тимон

Пријатели, само нешто
да ви кажам. Еве, господине мој добар,
морам да ве замолам да ми укажете чест
и да го носите скапоцениов камен; ваш е,
земете го, господине љубезен.

Првиот големец

Толку многу подароци веќе сте ми дале –

Сите

А и на сите нам.
(Влегува слугата.)

Слугата

Господару, неколку сенатори штотуку доја-ваа;
ви дојдоа во посета.

Тимон

Нека повелат.
(Слугата излегува.)

Флавиј

Ве молам, господару, сослушајте ме за миг; се однесува на вас лично.

Тимон

На мене лично? Тогаш другпат ќе ми кажеш. Сега е важно гостиве убаво да ги пречекаме и нагостиме.

Флавиј

(За себе.)
Само не знам со што.
(Влегува другиот слуга.)

Вториот слуга

Господару милозлив, господарот Луциј
од љубов кон вас, ви подарува со почит
четири белци со опрема опточена со сребро.

Тимон

Ги прифаќам со радост. Подарените коњи нека се сместат добро.
(Излегува слугата. Влегува третиот слуга.)
Што има? Каква вест носиш?

Третиот слуга

Ве молам, господару, овој честит господин, господарот Лукул, ве кани утре со него на лов и ви испраќа две двојки сиви загари.

Тимон

Ќе одам со него; а загарите примете ги веднаш
со соодветна награда, се разбира.

Флавиј

(За себе.)
Кон што води ова?
Ни наредува да гостиме и дарови само да даваме а не знае дека ковчегот му е празен.
Не сака да чуе што има, нити ми дава да му кажам дека душата му е питач што не може желбите да му ги исполни.
Ветувањата му се над имотната состојба толку
што ветеното е само нов долг; секој збор му е долг:
толку е љубезен што сега камата на тоа плаќа;
земјата му е веќе под закуп. Би сакал фино откаѕ да си дадам пред грубо да ме шутнат!
Посреќен е оној што пријател за хранење нема
од оној што го има а душата душмански му ја зема.
Срцево за господарот ме боли.
(Излегува.)

Тимон

Вие сами си нанесувате неправда смалувајќи си ја самите сопствената вредност.
Примете го, господине, подароков скромен.

Вториот големец

Со голема благодарност подароков го примам.

Третиот големец

Тој е самата душа на издашноста.

Тимон

Сега се сетив, господине, на зборовите ваши добри за вранецот што тогаш го јавав. Ваш е бидејќи ви се допаѓа.

Третиот големец

О, господару, простете ми за ова, ве молам.

Тимон

Верувајте ми, господине, дека го мислам она што го велам. Знам дека ниеден човек не може со право да фали нешто освен ако не го сака; а што сакаат моите пријатели ми е важно колку и она што јас го сакам. Ќе наминам кај вас.

Сите големци

Дочекан ќе бидете како никој друг!

Тимон

Посетите ваши толку ми се при срце
што не знам уште што да дадам;
чинам, на пријателите цели кралства
би можел да им делам без умор да сетам.
Алкибијад, ти си војник, затоа ретко богат;
милосрдие е тебе да ти се дава; зашто цел твој живот
е меѓу мртви и сите земји што ги имаш
на бојното поле лежат.

Алкибијад

Да, да, господару, само неплодна земја.

Првиот големец

Морално сме ви должни –

Тимон

Исто како што сум ви и јас.

Вторито големец

Толку многу должни –

Тимон

Како и јас вам. Светилки, светилки уште!

Првиот големец

Најголема среќа, чест и азно
вие да имате, господару Тимон!

Тимон

За да се најдат за пријателите.
(Излегуваат. Остануваат Тимон и Апемант.)

Апемант

Ама метании чудни,
свивање грбови и грдо газо-прчење!
Клањањево не вреди за сето крчмење!
Пријателството многу гнасотии прави,
лажливците не треба да имаат нозе здрави.
Чесните будали глупо богатството си го лупат,
за само малку учтивост да купат.

Тимон

Апемант, да не си толкав намќор
многу подобар со тебе би бил.

Апемант

Не, не сакам ништо; оти ако ме поткупиш
и мене, ќе нема веќе кој да те кара и ти,
тогаш, уште повеќе ќе грешиш. Ти толку
многу даваш, Тимоне, што веќе се плашам
дека на крајот и самиот себе ќе се раздадеш.
Зошто сиве овие гозби, пијанки и празни
суети?

Тимон

Штом почнеш со карање на друштвото, се
заколнав да не ти обраќам внимание. Збогум
и другпат дојди во подобро расположение.
(Излегува.)

Апемант

Значи така! Не сакаш да ме чуеш; па добро,
немој!
Пропадни тогаш, баш ми е гајле.
О, уши човечки! Само за ласки суви
сте отворени, а за совети добри – глуви!
(Излегува.)

Чин ВТОРИ

Сцена 1

(Влегува еден сенатор.)

Сенаторот

И неодамна, пет илјади; на Варо и на Исидор
им должи девет илјади, со мојата претходна сума
тоа е вкупно дваесет и пет илјади. И никако умот
не му доаѓа! Така не може, просто не може.
Ако сакам злато, треба да украдам питачко куче
и на Тимона да му го дадам-па кучето злато ќе ми скова;
ми требаат ли дваесет добри коњи, треба само мојот
на Тимона да му го подарам, не треба ништо да барам,
само да му го подарам и ете ми веднаш
дваесет добри коња. Нема вратари кај него,
само човек што се смешка и секого внатре вика. Вака не може вечно; секој што мисли
сфаќа дека тој е пред пропаст. Еј, Кафис!
Кафис, кај си?
(Влегува Кафис.)

Кафис

Овде, господару, што сакате?

Сенаторот

Наметката ставај ја и трк кај господарот Тимон;
парите мои барај му ги; немој да те врати
со лесен изговор, ниту да те замолчи благо
со "Поздрави го твојот господар," па да ја вртиш
капата в раце, вака-туку кажи му веднаш
дека парите итно ми требаат; дека треба негде
за свои цели да ги вложам; рокот истече дамна
а одлагањето негово само маки за мојот кредит
создаваат. Го почитувам и го сакам
но не можам грбот свој да си го скршам
за прстот негова да го излекувам. Нуждата моја
е итна и не треба помошта во зборови празни
да ми ја враќа туку си го сакам долгот назад.
Оди, брзни! Стави на себе најрешителна маска
и барај да добиеш: зашто се плашам,
кога секој своето ќе го искуби перо
господарот Тимон ќе стане огулен паун
иако сега болска ко феникс. Оди, оди!

Кафис

Одам, господару.

Сенаторот

Оди, оди! Земи ги признаниците негови со тебе
и напиши ги згора датумите. Ајде.

Кафис

Добро, господару!

Сенаторот

Оди!
(Излегуваат.)

Сцена 2

(Влегува Флавиј со многу сметки в раце.)

Флавиј

Ни ми е гајле, ни запира; толку нема осет за трошок
што не се грижи ни како да продолжи со арчот
ни како да го запре. Ниту води сметка
како нештата одат од него, ни покажува грижа
за она што допрва го чека. Никогаш умот
толку неумен не бил, а сепак љубезен толку.
Што да се прави? Дури не осети, неќе да чуе.
Морам в лице да му кажам, сега штом се врати
Од лов.
Туф! Туф! Туф! Туф!
(Влегуваат Кафис и слугите на Исидор и Варо.)

Кафис

Добра вечер, Варо; и ти да не си за пари?

Слугата на Варо

А зарем не е тоа и работа твоја?

Кафис

Е; а и твоја, нели Исидор?

Слугата на Исидор

Баш така.

Кафис

Камо на сите да ни платат!

Слугата на Варо

Тешко.

Кафис

Еве иде господарот.
(Влегуваат Тимон со големците и Алкибијад.)

Тимон

Првин ќе ручаме, а потоа пак одиме на лов, Алкибијаде. *(На Кафис.)* Кај мене? Што можам да сторам?

Кафис

Господару, овде имам список со пристигнати долгови.

Тимон

Долгови? Од каде си?

Кафис

Од овде, од Атина, господару.

Тимон

Оди кај мојот домаќин.

Кафис

Простете, господару, но тој исплатата ја должи
од ден на ден веќе цел еден месец.
Господарот мој е во многу голема нужда
и парите му се потребни, затоа понизно ве молам
во склад со честитоста широкограда што ве краси,
неговото да му го дадете.

Тимон

Пријателу честит,
те молам дојди утре.

Кафис

Немојте, господару добар-

Тимон

Стрпи се, пријателу добар.

Слугата на Варо

Слуга на Варо сум, добар господару-

Слугата на Исидор

А јас на Исидор; тој понизно ве моли долгот да му го вратите.

Кафис

Кога би знаеле, господару, во каков теснец ми е господарот-

Слугата на Варо

Помина рокот, господару, шест недели згора.

Слугата на Исидор

Вашиот домаќин, господару, постојано одлага
па испратен сум баш кај вас.

Тимон

Дајте ми да здивнам.
Ве молам, добри господа, одете напред;
јас веднаш идам по вас.
(Излегуваат Алкибијад и Големците.)
(На домаќинот) Дојди ваму. Те молам,
како дојде до ова вака да ме гонат
за неисплатени обврзници и долгови тешки
неисплатени на време а на штета на
честа моја?

Флавиј

(На Кафис и другите слуги.) Господа, ве молам,
времето не е погодно за работи вакви.
Престанете со притисоците до барем после ручек
за да го натерам господарот мој да сфати зошто не сте исплатени.

Тимон

Сторете така, пријатели.
Гледај добро да се нагостат.
(Излегува.)
(Влегуваат Апемант и Шутот.)

Кафис

Стојте, стојте; еве го шутот и Апемант:
малку да се насмееме со нив.

Слугата на Варо

Море мавни го! Магарења ќе нé направи!

Слугата на Исидор

Чума да го фркне, пес!

Слугата на Варо

Како си, шут?

Апемант

Ти разговараш со својата сенка?

Слугата на Варо

Не ти се обраќам тебе.

Апемант

Така е, туку себеси. *(На шутот.)* Да си одиме.

Слугата на Исидор

(На слугата на Варо.) На грб веќе ти виси шутот.

Апемант

Не, туку стоиш сам; и уште не му висиш на грб.

Кафис

Каде е сега шутот?

Апемант

Кај тој последен што прашува. Апаши едни сироти, слуги лихварски, сводници меѓу златото и немаштијата!

Сите слуги

Што сме ние, Апемант?

Апемант

Магарења.

Сите слуги

Зошто?

Апемант

Зашто ме прашувате мене што сте, а сами не си знаете. Кажи им нешто, шуту.

Шутот

Како сте, господа?

Сите слуги

Благодариме многу, добар шуту. Како ти е господарката?

Шутот

Топли вода да ги попари пилињата како вас.[5] Камо сите да завршите во бордел.[6]

Апемант

Така! Благодарам.
(Влегува пажот.)

Шутот

Опаа! Пажот на мојата господарка.

Пажот

(На шутот.) Како си, војводо? Што правиш во ова умно друштво? Како си, Апеманте?

Апемант

Да имав стап в уста, убаво ќе ти одговорев.

Пажот

Те молам, Апеманте, прочитај ми што пишува на писмава: не знам кое е кое.

Апемант

Не знаеш да читаш?

Пажот

Не.

Апемант

Тогаш и тоа малку знаење ќе умре дента кога ќе го обесат. Ова е за господарот Тимон; а ова за Алкибијад. Бегај, копиле си роден, како сводник ќе умреш.

Пажот

Ти си окотен ко куче и ќе умреш од глад како куче. Не вели ништо; си одам.
(Заминува.)

Апемант

Само ти бегај од пристојноста. Шуту, идам со тебе кај господарот Тимон.

Шутот

Таму ќе ме оставиш?

Апемант

Ако има со кого да се дружиш. Вие тројца им служите на тројца лихвари?

Сите слуги

Да; камо тие нам да ни служеа.

Апемант

И јас тоа би сакал да го видам-џелат му служи на крадец!

Шутот

Дали сте вие тројца лихварски слуги?

Сите слуги

Да, шуту.

Шутот

Знам дека лихварите имаат шутраци за слуги; и мојата господарка е лихварка, а јас сум нејзиниот шут. Кога луѓето доаѓаат да бараат заем од газдите, доаѓаат тажни а си одат весели; но кај мојата господарка влегуваат весели а излегуваат тажни. Знаете зошто?

Слугата Варо

Би можел да кажам.

Апемант

Тогаш кажи, за да те сметаме за макро и апаш; што не значи дека помалку ќе те цениме.

Слугата на Варо

Што е макро, шуту?

Шутот

Шут во добар костум малку налик на тебе. Тоа е дух; понекогаш се јавува како богаташ, понекогаш како адвокат, понекогаш како филозоф, кајшто тврди дека има не еден туку два камења на мудроста. Честопати наликува на витез и општо земено, овој дух се појавува во сите форми во кои човекот од осумдесеттата до тринаесеттата година се шета ваму-таму низ светот.

Слугата на Варо

Па ти и не ми личиш на шут.

Шутот

Ниту пак ти за паметен човек. Колку што сум шут јас толку тебе памет ти фали.

Апемант

Како Апемант да го дал одговоров.

Сите слуги

Тргнете се, тргнете се; иде господарот Тимон.
(Повторно влегуваат Тимон и Флавиј.)

Апемант

Ајде со мене, шуту, ајде.

Шутот

Не одам секогаш по љубовник, постар брат или жена; понекогаш одам и со филозоф.

Флавиј

Ве молам, шетајте тука; набргу со вас ќе зборувам.
(Излегуваат Апемант, Шутот и Слугите.)

Тимон

Ме чуди што до сега не најде можност состојбата во која сум да ми ја кажеш за да можев да се приспособам на време на средствата што ги имам.

Флавиј

Не сакавте да ме чуете.

Многупати до сега пробав-

Тимон

Си пробал.
Можеби и тоа си го правел од време на време
па штом не си наишол кај мене на добра волја
си го искористил тоа како изговор добар
за себеси од гревот да се исчистиш.

Флавиј

О господару добар,
многупати пред вас ви носев сметки,
в очи ви ги пикнав а вие ги отфрлавте лесно
велејќи ми дека верувавте во мојата чесност.
Кога за некаков ситен дар ме теравте за возврат
цело богатство да дадам, вртев со главата и плачев:
да, дури и повеќе од дозволеното, ве молев
да не бидете толку широкоград. Ги издржував стално
не така ретко, прекорите ваши, кога
ќе ви споменев за одливот на вашиот имот
и за големиот наплив долгови. Господару сакан,
иако ме слушаш многу доцна, сепак е време:
најголемите поседи твои не можат да ги платат
ни половина од сегашните долгови.

Тимон

Нека сета моја земја се продаде.

Флавиј

Цела е заложена; нешто е продадено и го нема,
а остатокот одвај стига да се згасне жедта
на сегашните долгови. Иднината брзо иде.
Не знам како од неа ќе се браниме, и што на крајот нé чека.

Тимон

До Лакедмон земјата ми стигаше.

Флавиј

О господару добар, светот е само збор:
цел да е твој и во еден здив да го дадеш
пак бргу ќе го снема!

Тимон

Вистина е така.

Флавиј

Ако се сомневате во штедливоста и честа моја,
изведете ме пред сметководители страшни,
па нека ме проверат. Боговите само знаат,
кога сите наши одаи преполни беа
со гнетачи раскалашени, кога визбите ни плачеа жално
по виното од пијаници истурено, кога секоја соба
ни болскаше во светло и ечеше од песни,
јас тивко се повлекував и ронев солзи
над славините пуштени без осет.

Тимон

Те молам доста.

Флавиј

Небеса, ќе речев, кол;кав оварда е господарот!
Колку многу залудни залци селани и робје
вечерва проголтаа! Кој Тимона не го сака?
Кое срце, глава, меч, сила, средства не се на Тимон,
големиот Тимон, благородниот, племенит, кралски
Тимон? Ах, штом средствата ги снема што фалбиве
ги купуваат, го снемува и здивот фалбите што ги твори.
Гозбата освојува, постот освоеното го губи.
Само еднаш зимски дожд да втури
и мувиве веднаш се пикаат в дувло.

Тимон

Доста, доста ме пееш.
Никогаш не сум давал со злоба в душа;
давав неумно, ама чесно.
Што туку кукаш? Зарем ти недостига разум
да ти текне дека пријатели имам? Смири се.
Ако чепнам во ризниците љубов на мене
што чека
и ги ставам со заем срцата пријателски на
проба
мнозина сосе имотите свои на располагање
ќе ми бидат
ко ти сега мене што ми зборуваш.

Флавиј

Камо да сте во право.

Тимон

На некој начин, нуждава ми е драга
и ја сметам за благослов; зашто вака
пријателите ќе ги искушам. Ќе видиш колку
грешно богатството си ми го проценил;
сиромав
е тој што пријатели нема. Еј, Фламин!
Сервил!
(Влегуваат Фламин, Сервил и уште еден слуга.)

Слугите

Господару, господару.
(Излегуваат слугите.)

Флавиј

(На страна.) Господарите Луциј и Лукул?
Тешко!

Тимон

(На Флавиј.) А ти господине, кај сенаторите
појди,
од кои, и во најдобар интерес на државата,
заслужувам да ми излезат во пресрет; кажи
да ми пратат илјада таланти веднаш.

Флавиј

Бев дрзок
и веќе им се обратив како и на други
користејќи го вашиот прстен и име
но тие само занишаа со главите и се вратив
сиромав како што појдов.

Тимон

Вистина велиш? Дали е можно?

Флавиј

Одговорија во еден здружен глас
дека работите лошо им одат, дека се во
немаштија, дека
не можат да го сторат она што се волни да
го сторат,
дека им е жал; дека знаат дека сте чесен
дека ете ви посакуваат-не знаат баш што
дека нешто не чини-дека и племенитиот
може
да се исчуручи-пак на добро да ви тргне
дека е штета-и така божем зафатени со
важни
работи, ме гледаат попреку, нељубезни во
речта
ги допираа капите, комаа ладно,
онемев на место.

Тимон

Богови, о богови казнете ги!
Те молам, братко, живни! Овие старци
наследно неблагодарноста во себе ја носат;
крвта им е ладна, ретка низ жили им тече;
природното студенило нељубезни ги прави;
природата нивна како кон земја ги влече
така се обликува по пат, тапа и тешка.
Оди кај Вентидиј. Те молам, не биди тажен,
ти си верен и чесен; најискрено ти велам
никаква вина немаш ти. Вентидиј неодамна
татка си го закопа, и со смртта негова
големо богатство стекна. Кога сиромав
беше,
в затвор, оставен без пријатели в беда,
јас го ослободив со пет таланти. Од мене

поздрави го и кажи му дека тешка нужда
пријателот му го снајде, па сега треба да се
сети
на него со тие таланти пет. Штом ги земеш
на овие луѓе дај им ги веднаш зашто рокот
веќе истекол. И нека мозокот не ти блада
дека Тимон покрај пријатели толку ќе
страда.

Флавиј

Камо и мене такви да ми идат мисли.
Мисливе на широкоградоста се душмани
стварни
широкоградиот мисли дека сите ко него се
арни.
(Излегуваат.)

Чин ТРЕТИ

Сцена 1

(Фламин чека да зборува со Лукул во име на го̄спода̄ро̄т. Вле̄гува слӯга.)

Слугата

Му кажав на господарот за тебе; сега ќе слезе.

Фламин

Ти благодарам, господине.
(Вле̄гува Лукул.)

Слугата

Еве го господарот.

Лукул

(На ст̄рана.) Еден од луѓето на Тимон? Да погодам-подарок пак. Има тука врска: ноќеска сонував сребрен мијалник и бокал. -Фламин, чесен мој Фламин, мило ми е што те гледам. Тури ми вино. *(Изле̄гува слӯга̄та.)* И како е мојот честит, примерен, широкоград благородник од Атина, твојот многу дарежлив и добар господар и газда?

Фламин

Добар е со здравјето, господине.

Лукул

Многу ми е мило што е добар со здравјето, господине. А што криеш под наметката, добар мој Фламин?

Фламин

Баш ништо. Само празна кутија, господине, што, во името на мојот господар, ве молам да ја наполните. Како леб насушен му требаат педесет таланти, па ме испрати кај вашата милост да му ги позајмите, сосема уверен дека веднаш ќе му излезете во пресрет.

Лукул

Оп, оп, оп, опа: "сосема уверен" вели? О, добар е тој господин и многу благороден човек но штета што не знае да раководи со имотот. Понабргу сум ручал со него и ова секогаш сум му го кажувал, па на вечери сум идел само да му кажам дека не треба толку да троши; а тој никако да ме слушне, никако да сфати зошто сум му дошол, дека доаѓав само за да го предупредам. Секој човек си има мана, а што претерува со дарежливоста е негова. И ова сум му го кажал, ама никако да се смени.
(Вле̄гува слӯга̄та со вино.)

Слугата

Повелете, господару, вашето вино.

Лукул

Фламин, секогаш сум те сметал за умен човек. Во твое здравје.

Фламин

Вие сами така велите.

Лукул

Сум те забележал дека си бистар, знаеш да излезеш во пресрет, знаеш што е паметно а што не; и дека знаеш да ја искористиш приликата ако приликата ти е пред нос. имаш добри особини. *(На слугата.)* Оди си, момче. *(Излегува слугата.)* Дојди поблиску, чесен мој Фламин. Твојот господар е дарежлив господин; ама ти си умен и добро знаеш, иако си дојден кај мене, дека ова не е време за позајмување пари, особено на голо пријателство, без никакви гаранции. Еве ти три сребреници; добро момче, замижи и речи дека не си ме нашол дома. Збогум.

Фламин

Зарем светот до толку се изопачил
а ние тоа го дочекавме? Бегај, чумо долна,
кај оној што те слави!
(Му ги фрла парите на Лукул.)

Лукул

Ха? Сега гледам дека си шутрак и баш си одговараш за господарот.
(Излегува.)

Фламин

Нека се множат тие што до ак ќе ти дојдат!
Натемаго да ти бидат стопените пари,
ти чумо од пријател, чума да те сотре!
Зарем пријателството има толку слабо,
млечно срце
па за две ноќи се скиселува? О богови!
Го чувствувам од господарот гневот. Овој роб долен
во себе го носи месото на мојот господар:
и зошто да му годи, да се претвора во храна
кога тој самиот е престорен во отров?
О, само болести нека се изродат од него
и кога на умирање ќе легне, делот во него
господарот мој што го плати, да не го лечи
туку долго, бавно, на смртни ражни да го печи.
(Излегува.)

Сцена 2

(Влегуваат Луциј со Хостилиј и двајца други непознати.)

Луциј

Кој, господарот Тимон? Тој ми е многу добар пријател и благороден господин.

Првиот непознат

Го знаеме и ние како таков иако никогаш не сме го запознале. Ама едно ќе ви кажам, господару, за кое постојано се шушка: поминаа златните времиња на господарот Тимон, а неговиот имот се топи.

Луциј

Глупости, не верувајте во такво нешто; тој да снема пари.

Хостилиј

Ама верувајте ми, господару, дека неодамна, еден од неговите луѓе отишол кај господарот Лукул да побара извесна сума пари, му кажал дека се за многу итна нужда, а сепак бил одбиен.

Луциј

Како?

Хостилиј

Ви велам, бил одбиен, господару.

Луциј

Многу, многу чудно! Еве, пред боговите велам, јас сум засрамен. Го одбил тој благороден човек? Тука честа паднала на ниски гранки. Што се однесува до мене, навистина признавам дека сум примил неколку ситници од него, како пари, сребрени чинии, бесценети камења, и некои слични дрангулии-ништо важно во

споредба со она што го доби тој; сепак да го прескокнеше него и да ми се обратеше мене, ќе му дадев двојно повеќе таланти.
(Влегува Сервил.)

Сервил

Ама имам среќа! Ене го господарот; се испотив дури го најдов. Господару пречесен!

Лукул

Сервил? Мило ми е што се сретнавме. Збогум! Поздрави ми го твојот честит, благороден господар, мојот одличен пријател.

Сервил

Дозволете ми, господару, мојот господар испраќа-

Лукул

Да? Што испраќа? Веќе сум толку задолжен кај твојот господар; секогаш нешто испраќа. Како да му се заблагодарам, што мислиш? Кажи што испраќа сега.

Сервил

Ви испрати само порака, господару, и бара од вас да му позајмите извесна сума таланти зашто итно му се потребни.

Лукул

Знам дека само се шегува со мене,
не е возможно да бара педесет-петстотини таланти.

Сервил

Но нему му се потребни многу помалку, господару.
Да не беше потребата толку итна
немаше ни јас толку настојчиво да ги барам.

Лукул

Дали говориш сериозно, Сервил?

Сервил

Мртов сериозен сум, господару.

Лукул

Ама сум скот недоквакан што останав без пари баш сега кога ми се укажа одлична можност да се покажам честит! Вчера, за жал, направив една зделка и сега, заради оваа глупост сум лишен од оваа чест! Сервил, пред боговите, еве, велам дека сум скот скотосан, ама не сум во состојба да му помогнам-верувај и сам сакав да позајмам од господарот Тимон, еве, господава ќе посведочат; но сега сето азно на Атина би го прежалил само да не го сторев тоа. Поздрави го многу мојот благороден господар; и се надевам дека нема да го смени мислењето за мене што во мигов немам сила да бидам љубезен. И кажи му го ова: дека за себе ја сметам најголема несреќата што не можам да му се најдам на еден толку честит господин. Добар Сервил, ќе ми ја направиш ли таа услуга, сето ова да му го кажеш со мои зборови?

Сервил

Се разбира, господару. Ќе му кажам. *(Излегува.)*

Лукул

(Вика по него.) И јас тебе ќе ти се најдам, Сервил.
(На другите.) Вистина е, како што рековте, Тимон е готов;
кој еднаш до тука стигне, тешко пак да се дигне.
(Излегува.)

Првиот непознат

Го гледаш ова, Хостилиј?

Хостилиј

Го гледам, го гледам и се чудам.

Првиот непознат

Што те чуди, вака работи светот,
и баш од ваква иста сорта
е духот на секој ласкач. Кој може пријател
да го вика
оној што од иста чинија со него мака? Оти
колку што знам, Тимон на господинов ко
татко
му беше, кредитот му го крепеше со свое
ќесе;
имотот му го осигуруваше; да, парите на
Тимон
луѓето му ги плаќаа. Никогаш не пие
а среброто Тимоново да не му е на усни;
а сепак-гледај го сверското во човека
кога ќе се појави во облик на неблагодар-
ност!
Не му го дава она што споредно со неговото
азно
е колку милосрден човек што на питач дава.

Вториот непознат

Верата над ова дело плаче.

Првиот непознат

Што се однесува до мене,
никогаш ни залак не сум каснал кај Тимон,
ни некаков дар од него сум примил
како пријател негов. Сепак велам,
заради духот негов благороден, доблесноста,
заради честитоста што неизмерно го краси,
да ми се обратеше мене во ваква нужда
ќе го сметав богатството мое дар од него
и подобрата половина нему ќе му ја вратев,
толку многу го сакам тоа добро срце. Но,
гледам
човек денеска учи од сожалбата да се лиши,
а префриганоста над совеста да му диши.
(Излегуваат.)

Сцена 3

(Влегуваат третиот слуга на Тимон и Семпроний, уште еден пријател на Тимон.)

Семпроний

Мора сега и мене во ова да ме пика, а?
Што е со другите?
Можеше да проба кај господарот Луциј или
Лукул;
а сега и Вентидиј е исто така богат,
него од затвор го спаси. Сите
нему имотите свои му ги должат.

Сервил

Господару,
кај сите проба и сите испаднаа сребролъупци
долни
зашто до еден го одбија.

Семпроний

Како? Го одбиле сите до еден?
Дали и Вендидиј го одбил, дали Лукул?
И сега кај мене те праќа? сите тројца? Хм!
Тоа покажува дека малку љубов има,
малку разум во него. Зар јас последно
прибежиште
да му бидам? Пријателите негови, ете,
не сакаат да го лечат; зар јас лек да му
бидам?
Многу ме понижи; ептен му се лутам
што ме потцени. Разумен да беше
првин, во неволјата од мене ќе побараше
помош:
логично, зашто јас прв од него дар примив.
Дали баш така погрешно суди и мисли
дека јас сум последен што ќе му се најдам?
Не;
можно е да станам предмет на потсмев
кај другите, а господата ќе ме сметаат за
шутрак.
Би сакал трипати поголема сума првин од
мене
да ја побараше, за наклонетоста барем
што кон него ја имам; и волјата да му се
најдам.

А сега врти се и со одговорите нивни и овој нека биди:
кој честа ми ја гази, мои пари нема да види.
(Излегува.)

Сервил

Сјајно; вашата милост е учтив апаш. Ѓаволот не знаел што
прави кога човекот го направил префриган; сам себеси си го
спопикал со ова: зашто на крајот човекот ќе испадне
помарифетчија од него. Како само овој господин се трудеше да
биде одвратен! Тој со доблест го правдаше својот апашлук,
како оние кои фанатично загреани палат цели кралства: таква
е природата на неговата итра љубов.
Ова беше последната надеж за господарот; сега
останаа само боговите. Пријателите му се мртви,
па портите што досега не знаеја за резе,
годиње со ред, сега мора да се замандалат цврсто
за да го чуваат господарот на домот.
Кон ваков исход секогаш растурџилакот нѐ дува,
кој не знае азното да го варди, домот ќе си го чува.
(Излегува.)

Сцена 4

(Влегуваат двајцата слуги на Варо, се среќаваат со другите слуги на Тимоновите кредитори и го чекаат да се појави. Потоа влегува слугата на Луциј; потоа Тит и Хортензиј.)

Првиот слуга на Варо

Опаа; Тит и Хортензиј. Добро утро!

Тит

Добро утро, добар Варо.

Хортензиј

Луциј!
Што е, да не се договоривме?

Слугата на Луциј

Не, ама мислам
по иста работа сме дојдени; моја
се парите.

Тит

Исто и нивна и наша.
(Влегува Филот.)

Слугата на Луциј

А еве го и нашиот Филот.

Филот

Добар ден на сите.

Слугата на Луциј

Добредојде, добар брате.
Колку има саатот?

Филот

Ближи девет.

Слугата на Луциј

Кога дојде толку?

Филот

Уште не се појавил господарот?

Слугата на Луциј

Уште.

Филот

Баш чудно; обично е станат во седум.

Слугата на Луциј

Да, ама деновите му се пократки сега;
мора да знаете дека текот растурџиски
е како сончевиот,
само што не се враќа. Се плашам
најтешка зима е во ќесето на господарот
Тимон,
што значи, можеш да посегнеш до дното
а да не најдеш речиси ништо.

Филот

Го делам стравот со тебе.

Тит

Ќе ти укажам сега на една работа чудна.
Господарот твој те праќа по пари?

Хортензиј

Вистина е, по пари.

Тит

А го носи накитот подарок од Тимон;
за кој јас наплата чекам.

Хортензиј

Срцево ми е против.

Слугата на Луциј

Гледај колку е чудно,
во ова Тимон треба повеќе да плати од
колку што должи:
небаре твојот господар треба ем накитот да
го носи
ем пари за него да бара.

Хортензиј

Смачено ми е од работава, боговите се
сведок;
знам дека господарот мој азното на Тимон
го трошеше, а неблагодарноста испаѓа од
кражба полошо.

Првиот слуга на Варо

Три илјади круни барам јас. А ти?

Слугата на Луциј

Пет илјади.

Првиот слуга на Варо

Тоа е многу: а по сумата, се чини,
твојот господар поголема верба имал
од мојот, инаку, сумите би биле исти.
(Влегува Фламин.)

Тит

Еве еден од луѓето на Тимон.

Слугата на Луциј

Фламин? Господине, само збор. Дали господарот твој е спремен да се појави?

Фламин

Не, не е.

Тит

Го чекаме од сабајле; те молам, кажи му.

Фламин

Не треба да му кажам; знае дека сте еп̄тен вредни.
(Излеḡува.)
(Влеḡува Флавиј во намеш̄тка и со камилавка.)

Слугата на Луциј

Ха, зарем не е она домаќинот негов маскиран како да е во облак?
Викнете го, викнете го.

Тит

Слушаш, господине?

Вториот слуга на Варо

Со ваша дозвола, господине-

Флавиј

Што сакаш од мене, пријателу?

Тит

Чекаме некакви пари овде, господине.

Флавиј

Да,
да се парите сигурни ко чекањето ваше доволно ќе имате.
Што не ги поднесувавте сметките ваши кога газдите ваши неверни кај господарот мој
се гостеа? Тогаш му се насмевнуваа и му се пикаа
и покрај долговите и дрчно каматата ја лапаа. Грешите што ме вознемирувате, ете,
оставете ме на мир.
Верувајте, и мене и нему крајот ни се соши.
Немам веќе што да сметам, а тој што да троши.

Слугата на Луциј

Но ваков одговор за ништо не служи.

Флавиј

Не ви служи вам, оти подол ко вас не е што на апаши им служите. *(Излеḡува.)*

Првиот слуга на Варо

Како? Што блада неговото потрошено благородство?

Вториот слуга на Варо

Не е важно; сиромашен е, а тоа е доволна одмазда.
Кој може да зборува послободно од оној што нема покрив над
глава? Таков може да се нафрли и на големи куќи.
(Влеḡува Сервил.)

Тит

О, еве го Сервил. Сега ќе добиеме некаков одговор.

Сервил

Ако смеам да ве замолам, господа, дојдете во попогоден час;
така ќе ми направите голема услуга; зашто, жими душава,
мојот господар е мошне, мошне нерасположен. Неговата
блага душа го напушти, здравјето му е нарушено и не излегува од соба.

Слугата на Луциј

Мнозина што собите ги чуваат се здрави;
и ако до толку од болеста е начнат
мислам дека треба што побргу долгот
да си го плати па до боговите чист ќе му е патот.

Сервил

О богови!

Тит

Ова не го земаме за одговор, господине.

Фламин

(Од внатре) Сервил, на помош! Господару! Господару!
(Влегува Тимон гневен.)

Тимон

Што, зарем не можам низ моите врати да минам?
Зар не сум бил секогаш слободен, па мора домот
да ми биде темничар душмански, зандана моја?
Зар и ова место, во кое гозби давав, дали и тоа
ко сето човештво, ми покажува железно срце?

Слугата на Луциј

Сега дај му ја, Тит.

Тит

Господару, еве ја сметката.

Слугата на Луциј

И мојата, господару.

Обајцата слуги на Варо

И нашата, господару.

Тимон

Кутнете ме на земја со нив, расцепете ме до појас.

Слугата на Луциј

Ама, господару.

Тимон

Исечете ми го срцето на суми.

Тит

Моите педесет таланти.

Тимон

Избројте ми ја крвта.

Слугата на Луциј

Пет илјади круни, господару.

Тимон

Пет илјади капки крв ти давам. Што е твое? Што е твое?

Првиот слуга на Варо

Господару-

Вториот слуга на Варо

Господару-

Тимон

Распарајте ме, земете ме, боговите да ве удрат!
(Излегува.)

Хортензиј

Мислам дека газдите наши можат да им речат добра ноќ на
своите пари; долговите можат да се сметаат за изгубени оти
лудак ги должи. *(Излегуваат.)*
(Повторно влегуваат Тимон и Флавиј.)

Тимон

Здивот дури ми го зедоа, робови. Кредитори? Ѓаволи!

Флавиј

Господару мој мил-

Тимон

Зашто да не направам така?

Флавиј

Господару мој-

Тимон

Така ќе направам. Домаќине?

Флавиј

Тука сум, господару.

Тимон

Баш кога треба! Оди, и пак собери ги сите пријатели мои, Луциј, Лукул, Семпроний, сите.
Уште еднаш на гадовите ќе им дадам гозба.

Флавиј

Ама, господару
вие само така зборувате од растроената душа;
нема низ куќи да се собере ни колку за трпеза сосем скромна.

Тимон

Не грижи се за тоа.
Оди, ти заповедам, покани ги сите, нека влезе
таа банда уште еднаш; другото е мое и од куварот мезе.
(Излегуваат.)

Сцена 5

(Влегуваат сенаторите на една врата, Алкибијад со придружбата на друга.)

Првиот сенатор

Го имате, господа и мојот глас; крвав
е тоа злостор; без поговор треба да умре;
милоста најмногу го охрабрува гревот.

Вториот сенатор

Вистина е така; законот сите ќе ги скрши.

Алкибијад

Чест, здравје и милост за нашиот сенат!

Првиот сенатор

Што е, војводо?

Алкибијад

Понизно ги молам доблестите ваши;
зашто сожалбата е дпблест на законот,
и никој освен тираните не го спроведува стриктно.
Времето и среќата го притиснаа страшно мојот пријател, којшто, во состојба гневна
законот го прекрши, и тука дно нема
за тие што, невнимателни, се впуштаат во него.
Тој е човек, без оглед на сета вина,
со доблести многу;
па ни ова дело со кукавичлук не го извалка
(честитост во него што вината ја оправдува)
туку во гнев племенит и со благородна гордост
гледајќи дека угледот му е смртно начнат
на непријателот му се спротивстави;
и толку трезно, со контролирани страсти,
владееше со гневот пред од узди да му склизне
небаре некаква доказна постапка води.

Првиот сенатор

Многу на сила парадоксот го браниш
за да го разубавиш очигледно грдото дело.
Зборовите ти се мачат во обид жален
на убиството изглед пристоен да му дадат
и кавгата да ја претстават ко јуначко дело;
што е изрод роден и на свет дојде
со раѓањето на сектите и партиите нови.
Вистински е храбар само оној што мудро
го трпи и најлошото што иде од човечката уста,
што навредите ги смета за нешто од надвор,
па ко алишта, без многу дикат, ги носи
и никогаш не се труди при срце да ги земе
свесен за опасностите што го демнат.
Навредата са е зло на убиство што тера,
лудост е да гинеме злата штом се берат!

Алкибијад

Господару-

Првиот сенатор

Не можеш злосторот во чедност да го крпиш,
храброст е да не се одмаздиш, туку да трпиш.

Алкибијад

Господари, тогаш, простете ми многу,
што ко војсководец ќе говорам.
Зошто луѓето се излагаат в битки лудо
место заканите да ги трпат? Треба ли мирно да спијат,
и душманот да го пуштат грклините да им ги сече
без борба? Трпението ако
најголема е храброст зошто тогаш водиме војни?
Во тој случај, жените се најхрабри од сите
зашто дома седат. Ако е похрабро да се трпи,
магарето, тогаш, похрабро е од лавот,
од судијата помудар е робијашот в синџир што стои,
ако мудро е да се трпи. Господари мои,
великоста ваша добрина нека во нас буди.
Кога сте ладнокрвни лесно на наглоста се суди.
Да убиеш, признавам, за грев е и за пцости
но ако е во одбрана, правично е и треба да се прости.
Да се налутиш прекршок е темен,
но кој од нас не бил гневен?
Вака гревот мерете го.

Вториот сенатор

Џабе? Делата што ги стори
во Лакедемон и Византија доволен се откуп
за неговиот живот.

Првиот сенатор

Молам?

Алкибијад

Велам, господари, тој добри дела стори
и многу душмани ваши во бојот уби.
Многу храброст покажа лична
во последната војна и со многу рани се здоби!

Вториот сенатор

Ама е и многу склон да ги задава на други;
бунџија е роден; грев е негов
и што често се опива па храброста му е пленик.
И да нема други непријатели, доволно е овој
што го прави нула. Вака sверски гневен
многу зли дела сторил честопати здружен
со кавгаџиите; докажано и јасно ни е веќе
дека животот негов е лош, а пијанството опасно.

Првиот сенатор

Мора да умре.

Алкабијад

Судбина тешка! Можеше и во војна да умре.
Господари, ако не поради него-
иако десницата само може откуп да му биде,

без да остане должен-сепак, од милост барем,
спојте ги заслугите мои, со неговите двојни,
и бидејќи знам дека вашата чесна старост сака
безбедност, ќе ги заложам победите мои, сета
чест моја дека тој повторно ќе ви биде од корист.
Ако со злосторов животот на законот му го должи
тогаш, војната нека го земе во јуначки колеж
оти законот е строг, но и војната не знае за молеж.

Првиот сенатор

Ние сме за законот; мора да умре; поарно молчи,
на работ сме од трпението. Пријатели или браќа,
за пролеана крв со живот најчесно се плаќа.

Алкибијад

Мора ли така да биде? Не, не смее да биде.
Господари мои, признајте ме барем мене.

Вториот сенатор

Како?

Алкибијад

Сетете се на заслугите мои.

Третиот сенатор

Што!?

Алкибијад

Мислам дека веќе ме заборави староста ваша;
поинаку не е; чувствувам достоинството ми го колва
немањето слух кон мене за една најобична молба.
Раниве ме болат.

Првиот сенатор

Се инатиш на лутината наша?
Во малку зборови е таа, ама далекусежна по опсег:
прогонет си за навек.

Алкибијад

Јас прогонет?
Прогонете ја сенилноста ваша, лихварството грдо
што Сенатот го резилиш!

Првиот сенатор

Ако по два дена уште си во Атина
очекувај многу потешка казна.
А, за духот повеќе да не ни го лостиш
оној ќе биде погубен веднаш.
(Излегуваат сенаторите.)

Алкибијад

Боговите нека ви дадат долга старост, па кожа
и коски да се сторите што никој не ќе сака да ги види!
Полуден сум од гнев: од душманите ги бранев,
дури тие парите си ги броеја и земаа лихва
без трошка милост; а сам станав богат
само во рани. Зарем сето тоа за ова?
Ова ли е мелемот што расипаниот Сенат
на раните од војсководецот ги става?
Прогон!
Па и не е така лошо. Не мразам прогонет да бидам.
Сега барем горчината моја и бесот
причина имаат на Атина да удрам. Воините сега
омацурени ќе ги ободрам, в душа ќе им влезам.
Од војната со земјите славата ни се црпи;
војникот ко боговите навреди не трпи.
(Излегува.)

Сцена 6

(Влегуваат разните пријатели на Тимон и сенаторите од многу страни.)

Првиот големец

Ви посакувам добар ден, господине.

Вториот големец

И јас вам. Оној ден, мислам, обој честит господин само ќе стави малку на искушение.

Првиот големец

Баш на ова мислев кога се сретнавме. Се надевам дека не стои толку лошо како што се чинеше дента кога ги стави на искушение своите пријатели.

Вториот големец

Не би требало судејќи по гозбава што повторно ја приредува.

Првиот големец

И јас така мислам. Ми испрати срдечна покана која требаше да ја одбијам поради многу други неодложни работи; но тој инсистираше како никогаш до сега, па затоа, еве ме, дојдов.

Вториот големец

И јас имав неодложна работа, ама тој не сакаше ни да чуе за некаков изговор. Баш ми е жал што сметката ми беше исцрпена кога бараше заем од мене.

Првиот големец

А не знаете како ми е мене, сега кога гледам како стојат работите.

Вториот големец

И со другите е исто. Колку бараше од вас?

Првиот големец

Илјада златници.

Вториот големец

Илјада златници?

Првиот големец

А од вас?

Вториот големец

Ми побара, господине-Еве го доаѓа.
(Влегува Тимон со придружниците.)

Тимон

Од срце обајцата ве поздравувам; како ми сте?

Првиот господар

Многу добро кога слушам дека на вашето господство многу добро му оди.

Вториот големец

Вие ни сте мил ко летото што му е на ластовицата.

Тимон

(На страна) Да, а немил ко зимата?[7]
Вакви птици преселници се луѓето.-Господа, нашиот ручек не ќе биде надополна за долгово чекање. Гостете си ги ушите малку со музика, ако можат толку рапава храна да примат како што звуците на трубата; бргу ќе јадеме.

Првиот големец

Се надевам дека не се лутите што го вратив вашиот гласник со празни раце.

Тимон

О, ни најмалку господине. Ве молам тоа воопшто да не ве вознемирува.

Вториот големец

Благороден господару-

Тимон

Ах, добар мој пријателу, што добро има?
(Слугите ги внесуваат чиниите.)

Вториот големец

Најблагороден мој господару, умирам од срам што дента кога побаравте пари од мене бев сиромав ко просјак.

Тимон

Не мислете на тоа, ве молам.

Вториот големец

Да ми побаравте само два часа порано-

Тимон

Не измачувајте се господине, мислете на нешто поубаво.-
Ајде, донесете сé наеднаш.

Вториот големец

Сите чинии се покриени.

Првиот големец

Кралска гозба, убеден сум.

Третиот големец

Нема сомнение, тука е сé што парите и годишното време можат да го понудат.

Првиот големец

Како сте? Што има ново?

Третиот големец

Алкибијад е прогонет; чувте за ова?

Првиот и вториот големец

Алкибијад е прогонет?

Третиот големец

Баш така, верувајте ми.

Првиот големец

Како? Како?

Вториот големец

Ве молам, врз основа на што?

Тимон

Да седнеме, пријатели.

Третиот големец

После ќе ви кажам. Сега нé чека гозба.

Вториот големец

Ова е стариот Тимон.

Третиот големец

Ќе остане ли таков? Ќе остане ли таков?

Вториот големец

Па, изгледа останува; но времето ќе-и така-

Третиот големец

Разбирам.

Тимон

Секој на својот стол, ревносно, небаре жеден за усните на својата сакана. Јадењата на сите места од трпезата ќе бидат исти. Не правете од ова градска гозба, па да ни се олади месото пред да се договориме за почесните места. Седете, седете. Да се заблагодариме на боговите.

Вие добротвори големи, попрскајте го ова друштво со благодарност. Оти даровите ваши прават да сте фалени; ама сочувајте нешто за давање зашто божествата ваши ќе ги презрат. Позајмете секому доволно, за никој никому да не бара на заем; зашто стигнете ли од луѓето да зајмите, луѓето тогаш ќе ве напуштат. Направивте гозбата да се сака повеќе од оној што ја дава. Во друштво од дваесетмина нека цела дузина бидат аташи. Ако дванаесет жени седат на трпеза, барем половина од нив да се она што се. А другата стока, о богови, сенаторите атински и простата раја-заради гадоста во нив-подгответе ги за уништување. Овде присутниве пријатели, не ми се ништо, затоа со ништо не благословувавјте ги како што и јас со ништо ги дочекувам.
(Ги откриваат чиниште а тие се полни со топла вода.)

Некои од гостите

Што има вашето господство на ум?

Други

Не знам.

Тимон

Никогаш подобра да не дочекате гозба,
вие бандо на-зборот-пријатели! Лук и вода
е вашата верност. Ова е последно од Тимон
којшто калосан и китен со пулејки од ласки,
се мие сега од нив и в лице ви ја прска
баздливата подлост.
(Им ја фрла водата в лица.)
Живејте омразени, живејте долго,
вие многу насмеани, слаткоречиви, легачи гнасни,
вие љубезни убијци, питоми волци, нежни мечки,
шутраци на среќата, гнети-пријатели, муви-серачки,
вади-капи-и-клечи-робови, еби-ветровци и земи-
бегајковци!
Нека море болести, човечки и sверски
ве крастосаат сосем! Што, ти бегаш?
Полека, првин лекот-и ти-и ти, земи!
Чекај, ќе ти позајмам пари, не ти барам на заем.
(Ги тера надвор.)
Што? Бегате сите? Од сега нека нема гозби
кајшто подлеците не се добредојдени гости.
Гори, куќо! Потони, Атино! Од сега па довек
Тимон го мрази човештвото и секој човек.
(Се враќаат Големците и сенаторите.)

Првиот големец

Што велите на ова, господа?

Вториот големец

Зошто е толку гневен господарот Тимон?

Третиот големец

Уф! Ми ја видовте негде капата?

Четвртиот големец

Ми ја нема наметката!

Петтиот големец

Ептен се мрднал од умот и сега само ујот
со него владее. Пред некој ден ми даде бесценет камен, а сега ми го турна од капата. Да не го видовте мојот бесценет камен?

Третиот големец

Да не ми ја видовте капата?

Вториот големец

Еве ја.

Четвртиот големец

Еве ми ја и наметката.

Првиот големец

Да си одиме од овде.

Вториот големец

Господарот Тимон е луд.

Третиот големец

Знам, од тоа ко да ме фати шапот,
вчера ми даваше дијаманти, денес ми го удри стапот.
(Излегуваат.)

Чин ЧЕТВРТИ

Сцена 1

(Влегува Тимон.)

Тимон

Само уште еднаш зад себе да те sирнам! О sиду,
што обрач си за овие волци, пропадни в земја
и не брани ја Атина! Жени, станете курви!
Деца, не слушајте никого! Робови и глупци,
искорнете го серозниот, збрчкан Сенат од клупи
и владејте место него! Во блудници прости
престорете се о, девици, нежни, млади!
И блудете пред родителите свои! Должници горе
главите! Место долгот да го вратите, ножевите в раце,
и грклините на доверителите пресечете им ги! Крадете, слуги!
Долгораки арамии се сериозните господари ваши,
и крадат по закон. Слушко, во господаревиот кревет,
господарката ти е за в бордел!
Шеснаесетгодишен синко,
истргни ја штеката од стариот, куц татко
и со неа мозокот истури му го! Набожноста и стравот,
верата во боговите, правдата, вистината, мирот,
почитта дома, комшилукот, ноќниот одмор,
образованието, доброто однесување, сите занаети, струки,
хиерархијата, службите, адетите и секој закон,
нека потонат во збрка од спротивности остри
и хаосот нека живее! Чуми, улери гадни,
нафрлајте купишта моќни, заразни трески
врз Атина, зрела за пропаст! Ишијасу студен,
осакати ги сенаторите наши, улогови да лазат
ко алипно што им е однесувањето! Ламтежу, низ разврат
пикни се во умиштата и сржта на сета младеж,
за против текот на доблеста сосем да се свртат
и да се удаваат во блуд! Јадежи, мозолки, нека
се котат на атинските гради, а жетвата лишаи
и лепра да им се стори! Здиву, засмрди го здивот
па друштвото нивно, ко пријателството, нека стане
жив отров! Ништо не понесувам од тебе
освен голотијава, о, до душа намразен граду!
Еве, на ти го и ова[8] за да не останеш покуса во клетви!
Тимон ќе оди в шума, кајшто сигурно ќе види
како најнељубезниот sвер е пољубезен од секој човек.
Богови, удрете - чујте ме, о, богови добри -
по Атинчаните ко глувци скриени зад овој бедем
и дајте, со годините, омразата да ми расте на скали
врз сиот род човеков, сите луѓе големи и мали.
(Излегува.)

Сцена 2

(Влегува Флавиј со два-тројца слуги.)

Првиот слуга

Каде е, домаќине, каде е господарот наш?
Дали пропаднавме? Дали, сами, останавме
без ништо?

Флавиј

А што можам, браќа, што можам јас да ви
кажам?
Праведните богови еве, нека ме чујат
и јас сум сиромав како вас.

Првиот слуга

Таков дом да го снема?
Толку благороден господар да падне, сé да
појде
а ниеден пријател к'сметот под рака да му
го земе
и со него да тргне.

Вториот слуга

Ко што вртиме плеќи
на другарот спуштен во ископаната јама,
така и познаниците негови од закопаната
среќа
кришум се искрадуваат, оставајќи лажен
завет
ко ќемер празен; а тој, завалијата сирот,
питач посветен на отворено небо,
оболен од сиромаштија и отфрлен од сите
оди ко презир, сосем сам. Еве и други.
(Влегуваат други слуги.)

Флавиј

Скршен мебел од урната куќа.

Третиот слуга

Сепак во срцата му служиме на Тимон,
по лицата наши се гледа; другари сме уште,
во служба на тагата. Дупнат е нашиот кораб,
а ние, морнари кутри, на палубата сме што
тоне,
заслушани во заканата водна; мораме на
сите страни
во ова море од воздух.

Флавиј

Пријатели мои добри,
и последната пара ќе ја споделам со вас.
каде и да се сретнеме, заради Тимон,
да останеме пријатели. Да си кимнеме со
глава
велејќи, ко камбана за к'сметот на господа-
рот наш,
"И поарно ни било." Еве, по нешто, на сите.
(Им дели пари.)
Пружете рака ваму. Тука нема лага,
се разделуваме сиромашни, богати со тага.
*(Се прегрнуваат и заминуваат на сите
страни.)*
О, бедотијо црна што славата те котка!
Кој не сака од богатсвото да го лишат
кога знае дека тоа кон беда и презир води?
Кој сака исмеан од судбината да биде, заспан
во сон лажен за пријателство верно?
Да живее во сјај, да болска во раскош
но само ко привид, ко пријателите што ги
има?
Господару чесен, понижен од сопственото
срце,
од добрината своја сломен; природа чудна,
ина,
чиј грев најголем е правењето премногу
добра!
Кој би се дрзнал по ова да биде добар?
Што им личи на боговите, луѓето ги грди.
Најмил господару, благословен најколнат да
бидеш,
Богат за да осиромашиш-среќата твоја
неола голема стана. Леле, господарот добар,
си замина во гнев од ова неблагодарно место
и од чудовишните пријатели;
бесен, без храна, без пари да ја купи;
сепак ќе го следам, по него ќе одам.
Вечно на умот ќе му служам, со сета моја
душа
дури имам пари, господарот само ќе го
слушам.

(Излеѓува.)

Сцена 3

(Влеѓува Тимон во шумаѳа.)

Тимон

О благословено, светотворно сонце, исцицај ја од земја
краставата влажност; до под сестринската сфера[9]
зарази го воздухот! Близнаците од утроба иста,
чие зачнување, обитување и доаѓање на свет
тешко се деливи - искушај ги со различни среќи,
за постариот помалиот да го презре. Природата наша,
во која сите болки демнат, не поднесува голема среќа
без презир кон суштествата исти.
Просјакот возвиши го, големецот урни,
па сенаторите презирот наследно да го носат,
питачите честа.
Кој има кај да пасе е дебел, кој нема
тешко него: слаб е ко костур. Кој смее, кој смее
во име на чистотата човечка да стане простум
и да рече овој овде е ласкач? Ако тој е ласкач
тогаш се сите, зашто секоја скала на среќата
на погорната му ласка: учената глава
се клања на шутракот златен; сѐ е криво
и ништо не е право во ујот наш проклет
освен расипаноста. Затоа бидете гадни
сите гозби, друштва и собири на луѓе!
Тимон го презира своето второ јас.
Чуми, удрете по луѓето! Земјо, корења дај ми,
(Копа.)
Кој бара поарно од тебе, в уста да му тече
најлут отров. Што е ова овде? Злато?
Жолто, болскотно, скапоцено злато?
Не, богови, не сум дал јас туку - така завет.
Корења, небеса чисти! А ова од црното бело
ќе стори, од грдото, лично, од грешното, право,
од подлото, благородно, од старото, младо,

од кукавичкото, смело. Ха, богови! Зошто ова?
Чуму, богови? Ова ќе ги одвлече свештениците ваши
и слуги од вас, зглавјето ќе го тргне
од под главите на снажните луѓе. Робов овој жолт во верата ќе створи хаос,
проклетиот ќе го благослови, ќе стори
белата лепра да се слави, арамиите ќе ги крене,
титули ќе им даде, почест и место
во Сенатот да седат. Ова има моќи
папсаната вдовица да ја омажи уште еднаш;
на која, болните и чиросаните уште веднаш
би повратиле, но сега ова ѝ иде ко мелем,
ѝ дава свежина во априлски ден. Проклет праву,
заедничка курво на човештвото, што кавги правиш
меѓу ордите народ, во вистински цели
те употребувам.
(Се слуша марш.)
Ха? Барабан? Ама си итро,
но сепак ќе те закопам. Ќе трчаш, крадецу снажен,
кога костоболните чувари твои не ќе можат да стојат.
Не, ова за себе ќе го чувам
(Задржува малку од златото.)
(Влегуваат Алкибијад со барабанција и трубач во борбен став; по него одат Фринија и Тимандра.)

Алкибијад

Говори! Што си ти таму?

Тимон

Sвер како тебе. Да те изеде срчка
што повторно гледам човечки очи!

Алкибијад

Како се викаш? Зарем толку луѓето ги мразиш
иако самиот си човек?

Тимон

Јас сум човекомрзец, човештвото го мразам.
Што се однесува до тебе, камо да беше куче,
тогаш барем малку ќе те сакав.

Алкибијад

Те познавам добро,
но несреќата твоја непозната ми е и туѓа.

Тимон

И јас те знам но повеќе од тоа што те знам
не сакам да знам.По барабанот оди!
Со човечка крв обој го тлото, црвено, пурпур.
Верата, законите, свирепи се и остри.
Тогаш каква е војната? Оваа расипана курва
во себе има поголемо уништување од мечот твој
иако ангелски ѝ е ликот.

Фринија

Устата да ти капне!

Тимон

Нема да те љубам, па капнатоста се враќа на усните твои.

Алкибијад

Како стигна благородниот Тимон до овде?

Тимон

Ко месечината што прави кога снемува светлост
и не може да дава. Но не можев да се обновам после,
немаше сонца од кои можев да зајмам.

Алкибијад

Благороден Тимоне, што добро да ти сторам?

Тимон

Никакво, само мислењето поткрепи ми го!

Алкибијад

А тоа е?

Тимон

Вети ми пријателство ама ветеното не исполнувај го. Ако не ми ветиш боговите со чуми да те сотрат, зашто си човек! Ако ветеното го исполниш, проклет да си, оти си човек!

Алкибијад

Слушнав од други за маките твои.

Тимон

Можеше да ги видиш и кога на врвот беа од среќата.

Алкибијад

Ги гледам сега; тогаш живееше славно.

Тимон

Како ти сега со овие две курви.

Тимандра

Ова ли е миленикот атински кого толку го фалеше светот?

Тимон

Ти си Тимандра?

Тимандра

Да.

Тимон

Остани си курва. Тие што се гостат со тебе, не те љубат.
Дај им болести, кај тебе кога ќе ја гаснат похотата. Зарази ги! Искористи ги часовите трудни;
спреми ги апашите за буриња и бањи;
румено-образните
момчиња натерај ги со потење и пост да се лечат.

Тимандра

Бесилка е за тебе, зверу!

Алкибијад

Прости му, слатка Тимандро, зашто умот му е потонат и загубен во неволи тешки.
Малку злато имам, Тимоне храбар,
па така секојдневно трпам буни
од страна на војниците. Чув и зажалив многу што Атинчаните проклети, несвесни за вредноста твоја,
заборавајќи на делата твои, државите кога соседни, да не беше богатсвото твое и мечот, ќе ја згазеа ко гнида-

Тимон

Те молам удри во барабанот и да те нема.

Алкибијад

Јас сум ти пријател Тимоне и те сожалувам.

Тимон

Како можеш да ме сожалуваш кога ми пречиш?
Сакам да сум сам.

Алкибијад

Е, па тогаш, збогум:
Еве ти малку злато.

Тимон

Задржи го, не е за јадење.

Алкибијад

Кога гордата Атина на колена ќе ми падне-

Тимон

Војуваш против Атина?

Алкибијад

Да Тимоне, и тоа со право.

Тимон

Боговите да ја сотрат со освојувањето твое
а после и тебе, кога победник ќе станеш.

Алкибијад

Зошто и мене Тимоне?

Тимон

Зашто подлеци убивајќи
татковината ми ја освојуваш моја. Чувај
си го златото. Еве. Еве ти злато. Оди.
Ко планетарна чума биди кога Јупитер
над некој многу порочен град, отровот ќе го фрли
во болниот воздух. Гледај од мечот да не ти побегне никој.
Не жали го честитиот старец со бела брада:
Тој е лихвар. Исечи ја притворната госпоѓа
зашто наизглед е само чесна, а всушност, блудница. Изгледот девствен нека мечот
остер не ти го изаби: брадавиците оти
што низ тенките чипки очите машки ги мамат,
не се впишани во книгата на милоста
и сметај ги за предавници. Доенчето не штеди го:
насмевката само од шутраци измамува милост.
Зашто е копиле, за кое пророштвото двосмислено вели
дека еднаш грклапот ќе ти го пресече.
Исецкај го на парчиња без грижа на совест. Против
сите заколни се. Стави оклоп на уши и преку очи
да те штити од пискотот на мајки, дечиња и моми,
да не гледаш како свештениците пред тебе
низ светите одежди крварат. Еве ти злато! Плати
ги војниците! Голем ‘ршум направи! А бесот
кога ќе ти мине, цркни и сам! Не зборувај, оди!

Алкибијад

Уште имаш злато? Ќе го земам златото што ми го даваш
но советот не ти го примам!

Тимон

Го примаш не го примаш небото да те сотре!

Фринија и Тимандра

Дај ни малку злато Тимоне. Имаш уште?

Тимон

Доволно за курвите да го напуштат блудот,
а сводниците нив. Ороспии, кренете ги
футите. Во вашите заклетви не се верува
иако знам дека ќе се заколнете, до небо ако треба,
па небесните богови ќе се стресат, треска,
страшна ќе добијат. Не колнете се, ќе се потпрам
на склоностите ваши. Останете курви;
а оној што со здив побожен ќе сака да ве преобрати,
научете го што е блуд, намамете го, нека гори;
нека огнот ваш здружен го совлада чадот негов,
па останете тоа што сте. И вашите болки, по шест
месеци ненормални да ви бидат. И соголеното теме
кријте го со коси од мртовци-од обесени, не е
важно; носете ги, лежете со нив. Бидете курви;

блудете вечно! Мачкајте се, коњ дури не ви згазне
во батакот на лице за брчките да ви се видат!

Фриниja и Тимандра

Добро, уште злато. Што тогаш?
Правиме сé што се може за злато.

Тимон

Сушици сејте
во шупливите коски на човекот; удрете го по писки
да не може со мамузи да јава. Засипнете го гласот
на правникот за да не може неправдата да ја брани,
со пискавите, вербални уjдурми. Побелете го попот
што го куди нагонот на човечкото тело,
а самиот себеси не си верува. Долу со носот,
срамнете го сосем, одземете ја носната коска
од оној што заради свое лично добро,
општото го душка. Кадравите апаши
оќелавете ги и нека неповредените војни во војна
од вас болка добијат. Заразете ги сите,
и вашата работа нека го порази и сотре
секој извор на воздигнување. Еве ви уште злато,
уништувајте ги другите, а тие вас нека ве сотрат
па сите во калта да си го најдете гробот!

Фриниja и Тимандра

Уште совети со уште пари, Тимоне широко-град!

Тимон

Првин уште блуд, уште зло; ви дадов капар.

Алкибијад

Удрете барабани, одиме за Атина! Збогум, Тимон;
ако пројдам добро, пак ќе дојдам да те видам!

Тимон

Ако добро се надевам, повеќе нема да те видам.

Алкибијад

Никогаш не сум ти сторил лошо.

Тимон

Ми стори, зборуваше добро за мене.

Алкибијад

Само го навредуваме. Удри!
(Удира барабаноm. Излеѓуваат Алкибијад, Фриниja и Тимандра.)

Тимон

Зашто природата, од човечката нељубезност болна,
сепак е гладна! Општа мајко, ти чија
утроба немерлива и бесконечни гради
(Копа)
сé раѓаат и хранат; од чија граѓа
се и оној возгорд син, одвратен човек,
црниот крекач и змијата сина,
дождалецот златен и отровниот слеп црв,
со сите гадни лишки под јасното небо
на кое Хиперон живототворен оган спотнал:
дај му на оној што сите синови човечки ги мрази
од твоите гради издашни, само еден мал корен!
Исуши ја утробата, плодна и родна,
повеќе да не раѓа неблагодарни луѓе.
Затрудни од тигри, змејови, волци и мечки,
нови монструми раѓај, кои горното твое лико
на мермерниот свод над себе
никогаш не ги покажал. О, корен; фала, мила!
Исуши ги соковите, ораниците, своите лози,
од кои неблагодарниот човек, со напитоци бајни,

и залаци мрсни, чистиот ум си го масти
и безобразен станува кон сé!
(Влегува Апемант.)
Пак човек? Чума! Чума!

Апемант

Овде ме упатија. Велат
дека мене ме имитираш и живееш по тој терк.

Тимон

Тоа е зашто не чуваш куче
за да го имитирам. Катар да те сотре!

Апемант

Ова кај тебе е природа заразена со вирус,
бедна, немажовна тага што брзгна
од промената на среќата. Чуму лопатава? Чуму
ова место?
Оваа облека ропска и загрижениот поглед?
Ласкачите твои уште носат свила, пијат вино,
спијат на меко, наложниците бедни си ги љубат,
сосем заборавија дека постои некој Тимон.
Не срами ја шумава со маска на циник. Сега,
и ти стани ласкач и напредок барај
со она што те столчи. На колена паѓај,
и пушти здивот од онега кому ласкаш
капата да ти ја дувне; фали му ја најлошата мана
нарекувајќи ја најдобра. Така ти говореа и тебе.
Ти увото го приклонуваше, ко пивничар
за добре дојде, кон подлеиц и дојденци.
Најправично е сега
ти да станеш подлец; повторно да имаш азно,
подлеци ќе ти го трошат. Не биди како мене.

Тимон

Да сум како тебе, себеси ќе се фрлам.

Апемант

Веќе си се фрли, и ист си како себе,
долго лудак а сега и шутрак. Што? Да не мислиш
студениот воздух, твојот бучен собар,
во кошула ќе те облече топла? Дека мовлививе дрвја, што од
орелот се постари по тебе ќе одат
потскокнувајќи кога ќе им речеш? Дека потокот
студен, нафатен со мраз, топла напивка ќе ти даде
мамурлукот ноќешен да си го растераш? Викни
ги тиќињата што живеат во природна голост
и покрај одмаздничкото небо, без покрив над глава,
без заклон, изложени на стихијниот судир,
а сепак опстануваат во суровата природа;
заповедај им да ти ласкаат и дури тогаш
ќе сфатиш -

Тимон

Дека си шутрак. Бегај!

Апемант

Сега те сакам повеќе од кога и да е.

Тимон

А јас те мразам повеќе од кога и да е.

Апемант

Зошто?

Тимон

Зашто ѝ ласкаш на бедата.

Апемант

Не ласкам, само велам дека си бедник.

Тимон

Зошто си ме барал?

Апемант

За да те јадосувам.

Тимон

Тоа секогаш била работа на еден подлец, или шутрак.
Наоѓаш тука задоволство?

Апемант

Да.

Тимон

Значи си и апаш?

Апемант

Да се оддадеше на овој горчлив и студен живот
за лошотилакот да си го казниш, ќе сфатев;
но ти тоа го правиш од мака. Дворјанин би бил
повторно, да не си просјак. Доброволната беда
живее подолго од несигурниот раскош и пред него
се крунисува. Едната постојано с еполни,
никогаш не е полна, а другата е до рам полна.
Најдобрата состојба, кога уште бара,
неспокојна е, несреќна и полоша многу
од најлошата.
Барај да умреш зашто си беден.

Тимон

Но не по барање на оној што е победен.
Ти си роб, кого од среќата нежната рака
никогаш не го допрела. Растен си ко куче.
Како нас ако уште од првиот повој
се качуваше по скалата на радост
што кусиов живот за оние ја дава
што слободно заповедаат со ниското робје,
ти веднаш ќе се впуштеше во невиден развrат,
и младоста ќе ја поарчеше во разни
кревети похотни, без да ги научиш еднаш
поуките на доблеста туку залидан ќе беше само
по зашеќерениот дивеч пред тебе. Но за мене -
за кого цел свет една слаткарница беше,
а во служба имав усти, јазици, очи и срца
повеќе одошто и можев работа да им дадам:
кои безбројни на мене висеа ко лисја
на даб за пред првиот здив зимски
од гранки да паднат и ме остават гол, нејак
пред луњите што реват - за мене којшто
подобро еднаш живеев, ова е товар.
Ти си зачнат во беда, а со време само
цврстина доби во неа. Зошто луѓето да ги мразиш?
Никогаш не ти ласкале. Што си им дал?
Ако колнеш, тогаш татко ти (тој партал-паша)
колни го, којшто од злоба турил маја
за тебе во некоја просјачка и те створил
апашу долен по раѓање. Бегај! Фаќај магла!
И да не си зачнат во најлоша рода
пак би бил апаш и ласкач.

Апемант

Уште си лош?

Тимон

Да, зашто не сум ти.

Апемант

А јас што не бев расипан.

Тимон

Јас, што сум таков и сега.
Да беше во тебе затворено сето мое благо,
ќе ти дозволев да се обесиш. Бегај да те нема.
Цел живот на Атина да е во ова,
јас вака би го изел.

(Јаде корен.)

Апемант

Еве, гозбата да ти ја збогатам.
(Му нуди храна.)

Тимон

Ќе ми го збогатиш друштвото ако си одиш.

Апемант

Така само своето ќе го збогатам зашто ќе те нема.

Тимон

Ама ќе биде збогатено, од мерата надвор.

Апемант

Што ѝ посакуваш на Атина?

Тимон

Ти таму во виор да се створиш. Ако сакаш, кажи им ним таму дека имам злато; гледај!

Апемант

Овде златото нема вредност.

Тимон

Има, најдобро е и највистинско;
овде спие и никакво најмено зло не прави.

Апемант

Каде лежиш ноќе, Тимоне?

Тимон

Под она што е над мене.
А каде ти се храниш дење, Апеманте?

Апемант

Кајшто ќе стигнам; или, кајшто ќе јадам.

Тимон

Кога отровот би бил послушен и би знаел што имам на ум!

Апемант

Каде би го пратил?

Тимон

Јадењето да ти го зачини.

Апемант

Срединатa меѓу богатството и сиромаштијата никогаш не ја спозна, туку само двете крајности. Кога лежеше на злато намирисан, ти се потсмеваа заради пребирливиот вкус; а сега, во овие партали, кога воопшто го немаш, те презираат заради спротивното. Еве ти мушмула; изеди ја.

Тимон

Не се хранам со она што го мразам.

Апемант

Ја мразиш мушмулата?

Тимон

Да, иако изгледа како тебе.

Апемант

Да ги замразеше мушмулите порано, сега повеќе ќе се сакаше себеси. Кој растурџија имал доволно средства да ја сочува љубовта на своите ласкачи?

Тимон

А дали си познавал некого што бил без овие

средства, а бил сакан?

Апемант

Јас.

Тимон

Те разбирам; имаше средства колку за едно куче.

Апемант

Кој на светот најмногу ти личи на твоите ласкачи?

Тимон

Жените; ама мажите, мажите се нешто посебно. Што би сторил со светот, Апеманте, да е во твоја моќ?

Апемант

Ќе им го дадам на ѕверовите, да се оттарасам од луѓето.

Тимон

Дали би сакал и тебе да те зафати општата пропаст на луѓето па да останеш ѕвер меѓу ѕверовите?

Апемант

Да, Тимоне.

Тимон

Ѕверска амбиција; боговите нека ти помогнат да ја оствариш. Да си лав, лисицата ќе те надитри; да си јагне, лисицата ќе те изеде; да си лисица, лавот би се посомневал во тебе ако случајно магаре те обвини; да си магаре, тапоста би те мачела и би живеел за да станеш појадок на некој волк; да си волк, дрчноста би те мачела и често заради ручекот главата ќе си ја ставаш в торба; да си еднорог, гордоста и гневот би те уништиле и од тебе ќе направат жртва на сопствениот гнев; да си мечка, коњ ќе те убие; да си коњ, ќе те зграпчи леопард; да си леопард би бил во блиско сродство со лавот, а шарите на сродството би те осудиле на смрт. Сета твоја безбедност би била во оддалеченоста, а сета твоја одбрана во отсутноста. Која ѕверка би можел да бидеш а да не си потчинет на друг ѕвер? А какво животно си веќе сега, што не гледаш дека губиш со преобразбата!

Апемант

Кога би ме задоволил со твојот говор, можеби би успеал; атинската држава станала шума со ѕверови.

Тимон

Како магарето го проби бедемот па ти си надвор од градот?

Апемант

Ене идат поетот и сликарот. Чумиве човечки нека ти бидат друштво! За да не се заразам, фаќам магла. Кога не ќе знам што друго да правам, пак ќе дојдам да те видам.

Тимон

Кога само ти жив ќе останеш на земја, добредојден си. Поарно да сум пес на просјак одошто Апемант.

Апемант

Ти си од сите живи шутраци најголемиот.

Тимон

Да си барем толку чист па човек да те плукне!

Апемант

Чума да те сотре, не вредиш ни за клетва.

Тимон

Во споредба со тебе, сите апаши се чесни.

Апемант

А зинеш, само лепра излегува.

Тимон

Да, кога името ти го кажувам.
Би те истепал, ама треба рацете да си ги заразам.

Апемант

Кога би можел со збор да ти ги согнијам.

Тимон

Бегај, копиле едно од шугаво куче!
Гнев ме гуши што сé уште си жив;
ми се врти што те гледам.

Апемант

Да пукнеш, да цркнеш!

Тимон

Бегај, гаду смрден, жал ми е што камен ќе загубам заради тебе.
(Фрла по него со камен.)

Апемант

Sверу!

Тимон

Робе!

Апемант

Крекачиште!

Тимон

Гаду, гаду, гаду!

Смачено ми е од свтов лажен, и од него
само уште насушното го барам.
Значи, Тимон, веднаш спреми си го гробот;
легни таму кајшто пенливите далги ќе ти ја мијат
могилката катадневно; епитафот нека ти се спее,
смртта во мене на сите живи нека им се смее.
(Го гледа златото.)
О сладок кралеморецу, разделнику најмил
на синот од таткото, хулителу сјаен
на најчистата постела на Химен, Марсу храбар,
ти вечно млад, свеж, сакан и вешт просец
чие црвенило светиот снег го топи
вгнезден во скутот на Дијана! Ти видлив боже
што ги спојуваш невозможностите разни
за да се бакнат; секој ти го говориш јазик
за секаква цел! О, ти камену од срца,
помисли дека твојот роб, човекот, се буни,
и со доблеста своја турни го во војна
до истребување па тогаш sверовите светот
нека го земат под свое!

Апемант

Камо да е така!
Ама не пред да умрам. Ќе кажувам дека имаш злато.
Ќе навалат на тебе од сите страни.

Тимон

Ќе навалат на мене?

Апемант

Да.

Тимон

Сврти се со грбот, те молам.

Апемант

Живеј и сакај си ја својата беда.

Тимон

Долго така да живееш и така да умреш! Толку!

Апемант

Еве уште тиќиња како луѓе! Јади Тимоне и мрази ги.
(Излегува Апемант. Влегуваат арамии.)

Првиот арамија

Каде го држи златото? Тоа е нешто ситно, само неколку преостанати зрна. Самата потреба од злато и пријатели го фрлија во оваа беда.

Вториот арамија

Велат дека имал големо богатство.

Третиот арамија

Ќе го испитаме. Ако не се секира за златото, лесно ќе ни го даде, но ако лакомо го чува, тогаш не знам како ќе дојдеме до него.

Вториот арамија

Во право си; сигурно не го носи со себе; значи скриено е.

Првиот арамија

Не е ова тој?

Сите

Каде?

Вториот арамија

Одговара на описот.

Третиот арамија

Тој е. Го познавам.

Сите

Здраво живо, Тимоне.

Тимон

Здраво арамии.

Сите

Војници а не арамии.

Тимон

И тоа и тоа; и синови на жени.

Сите

Ние не сме арамии туку луѓе во немаштија.

Тимон

Во немаштија сте зашто немате храна.
А зошто ја немате? Земјата корења дава,
каде да погледнеш наоколу, извори врие;
дабовите желади се втурени, шиповите шипинки дрочни;
природата, домаќинката дарежлива, на секое расје
богат обед ви нуди. Немаштија? Зошто? Како?

Првиот арамија

Не можеме да живееме од трева, трња и вода,
зашто не сме ни лиоти ни птици ни риби.

Тимон

Ни од лиоти не можете, птици или риби;
вие мора да јадете луѓе. Сепак признание ви давам,
што сте арамии поштрука, и што свети маски не користите; зашто бескрајни има кражби во законските струки. Арамии долни,
еве ви злато. Одете, цицајте го опојното грозје,
дури висока треска не ви ја засити во пена

крвта,
што ќе ве спаси од бесилка. Не верувајте во лекар;
лековите негови се отров и тој убива колку што вие
не стигате да опљачкате. Одземајте животи и блага.
Крадете, дрпајте, зашто признавате барем дека тоа ви е работа. Еве примери за неколку кратци:
сонцето е крадец зашто со привлечноста своја
го пљачка големото море; луната е чист крадец
зашто бледиот оган од сонцето го дрпа;
морето е крадец, далгите негови течни
ја тераат луната солени солзи да лие; крадец е и земјата, што нé храни и гледа со украдено ѓубре
од заедничкиот измет; секое нешто е крадец.
Законите, вашите узди и вашиот камшик, во моќ сура
непречено крадат. Не сакајте се; да ве нема, крадете се еден со друг. Еве ви злато. Грла сечете. Сите на светов се крадци. Напред во Атина; пљачкајте дуќани; краденото ваше
арамии го губат. Не крадете помалку затоа што ова
ви го давам. Златото до глава да ви дојде! Амин!
(Се повлекува.)

Третиот арамија

Речиси ме одврати од занаетот, убедувајќи ме да го вршам.

Првиот арамија

Вака нé советува зашто го мрази целото човештво; не оти сака да успееме во работата.

Вториот арамија

Ќе му верувам како на непријател и ќе го напуштам занаетов.

Првиот арамија

Првин повторно да завладее мир во Атина. Ниедно време не е толку расипано за да не може човек да биде чесен.
(Излегуваат.)
(Влегува Флавиј.)

Флавиј

О богови!
Мојот господар ли е оној презрен и пропаднат чове?
Истрошен и сосем слаб? О, споменику дивен на добри дела наградени со зло! Колку промената на честа го менува јадот!
Што е посрамно на земјата од пријателите грди
што од најблагодарните најдолни умови прават!
Колку убаво се сложува со нашето време човек да ги љуби душманите свои!
Нека секогаш ми е помил тој што зло ми мисли
од оној што зло ми прави! Мислам дека ме виде!
Ќе му ја искажам искрената моја тага
за бедата во која страда; и, како на мој господар,
ќе му служам со својот живот. Господару најмил!
(Тимон се доближува.)

Тимон

Бегај! Што си ти?

Флавиј

Господару, зарем ме заборавивте?

Тимон

Зошто прашуваш? Ги заборавив сите луѓе.
Значи, ако себеси се сметаш за човек,
тогаш сум те заборавил.

Флавиј

Јас сум вашиот чесен, сиромашен слуга.

Тимон

Тогаш не те познавам.
Никогаш немало чесни луѓе околу мене, само
апаши имав што кај подлеци беа во служба.

Флавиј

Боговите ми се сведоци,
никогаш сиромашен домаќин не носел поискрена тага
за пропаднатиот свој господар одошто очиве мои за вас.

Тимон

Што, ти плачеш? Дојди ваму; те сакам,
затоа што си жена, и што се одрекуваш
од кременото мажевство, чии очи само горат во похота и смеа. Сожалбата спие.
Чудно време, штом солзата од смеа, а не од бол се лие.

Флавиј

Ве молам, познајте ме, господару добар,
прифатете ја жалта моја и дури пари имам да ве дворам ко понизен ваш слуга.

Тимон

Имав ли домаќин
толку верен, правичен толку, а сега утешлив толку?
Ова речиси ми ја врти опасната природа во блага.
Чекај ликот да ти го видам. Овој човек, тврдам,
е роден од жена.
Простете ми што гневот мој ги опфати сите, о вечно-трезни богови! Сега велам:
еве чесен човек. Не сфаќајте ме грешно, само еден.
Не повеќе, ве молам-и тој е слуга.
Колку радо би го мразел човештвото цело, ама ти се откупи. На сите, освен на тебе, нека паднат моите клетви.
Мислам дека си многу почесен одошто мудар;
зашто, да ми штетиш и да ме мразиш, многу побргу ќе си најдеш нова служба;
зашто мнозина така стигаат кај друг газда преку грбот на првиот. Но, кажи ми право - зашто вечно се сомневам дури и без право - да не е и љубезноста твоја подмолна, грда, дрчна, лихварска, ко богаташ што дарови дели
очекувајќи дваесет на еден од него даден?

Флавиј

Не, господару добар, во чии гради сомнежот, недоумицата се вселија многу доцна!
Од превара требаше да се плашите уште кога гозби
дававте; сомнежот доаѓа кога азното го нема.
Небото знае, дека чиста љубов ви нудам, ревносна служба на неспоредливата ваша памет,
и грижа за храна и живот; и верувајте, најценет господару,
секоја корист што се однесува до мене, било идна, било сегашна, би ја сменил
за само една единствена желба: да имате моќ и азно
да ме наградите со тоа што пак ќе станете богат.

Тимон

Гледај, така е. Ти единствен човеку чесен, еве, земи: боговите од мојата беда
ти пратија азно. Оди, живеј богат и среќен, но под услов: далеку од луѓето согради си го домот;
мрази ги сите, колни ги сите, милост кон никого немај,
туку пушти прегладнетото месо да им свисне на коски
пред питачиве да ги спасиш; давај на пците што не даваш на луѓето; зандани нека ги

голтнат,
долгови да ги изедат; човештвото нека стане
гора исушена тажна;
болести нека му ја локаат крвта лажна!
Оди, живеј среќно!

Флавиј

О, пуштете ме да останам и да ве тешам, господару.

Тимон

Ако мразиш клетви
не останувај; дури си благословен и слободен, бегај
од луѓето бегај, а што те гледам последно да ти е сега.
(Излегува Флавиј. Тимон се повлекува во пештерата.)

Чин ПЕТТИ

Сцена 1

(Влегуваат поетот и сликарот.)

Сликарот

Како што ми опишаа, неговото пребивалиште не треба да е далеку.

Поетот

Што да мисли човек за него? Дали се точни гласините дека полн е со злато?

Сликарот

Точни се. Така вели Алкибијад; Фринија и Тимандра добија злато од него. Со големи пари ги обогати и сиромашните, заскитани воини. Велат дека голема сума му дал и на својот домаќин.

Поетот

Значи пропаста негова беше само проба за неговите пријатели.

Сликарот

Ами како. Ќе го видиме повторно како цути во Атина и како се рамни со најголемите. Затоа, не пречи ништо ако, за секој случај, му ја укажеме нашата љубов во овој божем лош час за него: така ќе покажеме малку чесност, а многу веројатно е дека дисаќите на намерата ќе ги наполниме, ако е точен гласот за неговото богатство.

Поетот

Што имаш овојпат да му дадеш?

Сликарот

Во овој миг ништо освен сопствената посета; само ќе му ветам одлична слика.

Поетот

И јас истото ќе го сторам; ќе му кажам за големата идеја што ја имам, а која се однесува на него.

Сликарот

Така е најдобро. Ветувањето сега е во мода; го отвора очите на очекувањето. Исполнувањето секогаш е неинтересно, заради готовоста на делото и, освен кај попростата и поглупа раја, исполнувањето на ветеното воопшto и го нема. Да ветиш е отмено и модерно; исполнувањето на ветеното е еден вид завет или аманет што го покажува степенот на оболеност во умот на извршителот.
(Доаѓа Тимон од пештерата.)

Тимон

(На страна.) Одличен уметнику, не си кадарен да насликаш човек толку лош како тебе.

Поетот

Размислувам што да речам дека спремам за него. Тоа мора да биде нешто што него ќе го претставува; сатира против мекоста на богатството, со разоткривање на бескрајните ласки што одат со младоста и раскошот.

Тимон

(За себе.) Зарем мораш да бидеш урнек за подлец и во сопственото дело? Сакаш да ги камшикуваш своите мани кај други? Стори така, имам злато за тебе.

Поетот

Да го побараме.
Може само сопствената среќа да ја клоцнам
кога имам можност, а доаѓам доцна.

Сликарот

Така е.
Дури е денски и уште светат бескрајните
неба
на светлината барај го она што ти треба.
Ајде.

Тимон

(На страна.) Кај свиокот ќе ве сретнам.
Каков бог е ова злато
кого го обожуваат во храм полош
од кочина свинска?
Ти коработ го опремуваш и морската пена
ја ораш, велваш трајна почит во робот,
нека те слават; светците нека ти ги рубат
со чуми, што само тебе единствено те љубат!
Точно на свиокот.
(Истапува.)

Поетот

Здарво, Тимоне вреден!

Сликарот

Доскорешниот покровител наш велик!

Тимон

Доживеав ли да видам двајца чесни луѓе?

Поетот

Господине,
бидејќи често сме ја вкусиле широкоградоста ваша,
сега кога чувме дека сте се повлекле, дека ни глас ни трага
од пријателите ваши нема, за чија неблагодарна природа
(О духови презрени!) не е доволен ни небесниот камшик-
што, зарем кон вас,
чија sвездолика благородност луѓе
ги направи! Во занес сум, и не можам
да го покријам чжудовишниов шал неблагодарност
со вистински зборови.

Тимон

Нека биде гол, така подобро ќе се гледа.
Ти што си чесен, остани само таков,
и тогаш тие најдобро ќе се видат и знаат.

Сликарот

Ние двајца
минавме низ поројот голем од дарови ваши
и слатко го осетивме.

Тимон

Да, вие сте чесни луѓе.

Сликарот

Дојдовме овде услугите да ви ги понудиме наши.

Тимон

Чесни, чесни луѓе! Што да ви дадам за возврат?
Јадете корени пиете студена вода, нели?

Обајцата

Сé ќе сториме за да биде по ваше.

Тимон

Вие сте чесни луѓе. Сте чуле дека имам

злато;
сигурно сте чуле; кажете, вие сте чесни луѓе.

Сликарот

Така се говори, господару; но за тоа ние
не сме дојдени.

Тимон

Ама сте чесни луѓе! Ти најдобри правиш
портрети во цела Атина: најдобар си,
стварно;
ти најживо и мачкаш.

Сликарот

Така, така, господару.

Тимон

Баш така, господине, како што реков. А, во
творештвото твое, стихот толку ти е пре-
полн
со зборови свилени и мазни што дури има
човек впечаток дека сé е природно. Но,
и покрај сé, искрени пријатели мои,
морам да ви кажам дека мала имате грешка;
не е страшна, навистина, нити би сакал
да вложите труд и да ја поправите.

Обајцата

Ве молиме чесно да ни ја кажете.

Тимон

Ќе ме сфатите грешно..

Обајцата

Со благодарност, господару.

Тимон

Навистина?

Обајцата

Не сомневајте се, господару вреден.

Тимон

Секогаш едниот од вас му верува на подлец,
којшто постојано го мами.

Обајцата

Навистина е така, господару?

Тимон

Да, го слушате како лаже, се преправа
вешто,
уjдурмите грди му ги знаете, го сакате, му
давате храна,
в гради го чувате; иако сигурни сте сосем
дека е чистокрвен подлец.

Сликарот

Не знам таков, господару.

Поетот

Нити јас.

Тимон

Гледајте ве сакам; ќе ви дадам злато,
ослободете се од друштвото на подлеците
такви;
обесете ги, прободете ги, удавете ги во капка
моч,
уништете ги сосем па појдете кај мене
да ви дадам злато.

Обајцата

Именувајте ги, господару; да чуеме кои се.

Тимон

Ти таму и ти ваму, секогаш заедно по двајца;
иако секој сам, одвоен и без никој,
сепак врховниот подлец му прави друштво.

(На едниот) Ако, кајшто си, двајца подлеци нема,
не доближувај ми се. *(На другиот.)* Ако не сакаш
да обитуваш кајшто еден подлец има, тогаш него напушти го. Бегајте, магла! Еве ви злато,
по злато сте и дојдени, робови едни долни.
(На поетот) Работеше за мене, еве ти плата: магла!
(На сликарот) Ти си алхемичар, од ова направи злато!
Да ве нема, мрш, кучиња едни расипани!
(Ги тера а потоа се враќа во пештерата.)
(Влегува Флавиј со двајца сенатори.)

Флавиј

Попусто се трудите да говорите со Тимон;
зашто до толку е повлечен во себе
што, ништо освен себеси, што личи на човек,
не сака да го види.

Првиот сенатор

Доведи нé до пештерата.
Наша работа е ветувањето на Атинчаните
дадено дека ќе говориме со Тимон.

Вториот сенатор

Во секое време
луѓето не се секогаш исти. Времето и жалта
вака го скроија: времето со посреќна рака
поранешните денови може да му ги врати
и пак оној стариот да го стори. Одведи нé кај него,
па што ќе биде нека биде.

Флавиј

Ова е пештерата.
Мир и спокојство во неа! Господару Тимон!
Тимон!
Излезете и зборувајте со пријатели! Имате поздрав
од Атинчаните преку двајца сенатори свои.
Зборувајте со нив, благороден Тимоне.
(Излегува Тимон од пештерата.)

Тимон

О, сонце што тешиш, печи! Говорете па
бесилка да ве згради;
за секој искрен збор, една краста; за секој лажен
со усвитено железо до корен јазикот да ви го горат
дури зборувате!

Првиот сенатор

Тимоне, достоен.

Тимон

На никого освен на такви како вас, а вие на Тимон.

Првиот сенатор

Сенаторите атински те поздравуваат, Тимон.

Тимон

Им благодарам; а назад чума би им пратил
да можам да ја фатам.

Првиот сенатор

О, прости
го непростливото заради кое и нам ни е криво.
Сенаторите, едногласни во љубовта до еден,
те молат да се вратиш во Атина, со молба
неколкуте достоинства останати празни
да ги навлечеш и најдобро да ги употребиш.

Вториот сенатор

Признаваат ете
дека бездушен пренебрег покажале кон тебе;
и сега сенатот, којшто многу ретко
одлуките ги менува, чувствувајќи дека
Тимон му треба, и согледувајќи ја сета грешка
што навремено не му помогна на Тимон,
нé испраќа нас, да ти пренесеме колку жали,

со понуда за надополна поголема многу
од навредата нанесена. Ти нуди море
љубов и раскош за да ти ги избрише в срце
злата од него направени и да отвори во тебе
нова страница на љубов што сета верност
кон тебе ќе ја котка и искажува.

Тимон

Ме маѓепсавте сосем,
ме фативте на спање и ме доведовте до
солзи.
Позајмете ми срце на шутрак и очи на жена
утешниве понуди да ги оплачам, о, сенатори
добри.

Првиот сенатор

Затоа те молиме да појдеш со нас назад,
и во наша Атина, твоја и наша, власта
да ја преземеш; дочекан со благодарност ќе
бидеш,
апсолутна власт ќе ти се даде, а името твое
добро
ќе живее многу почитувано штом ги раз-
биеме сосем
дивјачките напади на Алкабијад којшто
ко вепар го подрива диво
мирот на својата земја.

Вториот сенатор

И замавнува со мечот заканувачки
кон бедемите на Атина.

Првиот сенатор

Затоа Тимон-

Тимон

Па добро, господине; затоа, сакам, госпо-
дине, вака:
ако Алкибијад земјаците ми ги убие,
нека Алкибијад ова го знае од Тимона,
на Тимон не му е гајле. Но, ако ја пљачка
убавата Атина и за брада ги фаќа старците
наши
вредни, предавајќи ги девиците на сквер-
навењето
од гнасната, sверска, налудничава војна,
тогаш нека знае (кажете му Тимон така
вели,
од жал за нашите старци и нашите млади),
а што друго можам да му речам, дека баш
ми е гајле,
па нека сфати како сака-и за ножевите
нивни-без гајле
имате вратови за сечење. А за мене лично,
не постои џепно ноже во бунтовниот логор
што не го ценам повеќе од вратот
најугледен во Атина. Значи, ве оставам така
во заштита на боговите многумилозливи
небаре крадци пред темничарите нивни.

Флавиј

Да си одиме; залуд е сиот напор.

Тимон

Еве, баш го пишував својот епитаф;
утре ќе се види. Мојата долга болест
од здравје и живот почнува сега да се лечи,
и ништо веќе не ме задоволува. Одете, уште
живејте! Алкибијад нека ви е чума, негова
вие,
и вака нека вечно трае.

Првиот сенатор

Зборуваме залуд.

Тимон

Ама сепак земјата си ја сакам и не сум
оној што на пропаста нејзина се радува,
како што често слушате за мене.

Првиот сенатор

Најпосле убаво нешто.

Тимон

Поздравете ги сограѓаните мили од мене.

Првиот сенатор

Овие зборови усните ви ги красат дури минуваат низ нив.

Вториот сенатор

И влегуваат во нашите уши како големи победници низ триумфалната арка.

Тимон

Поздравете ги од мене,
и кажете им дека, од маките за да ги спасам,
од стравот од удари ини, болештини, штети,
од страдиљубовни и чемери други
што кревкиот суд на природата ги трпи
на несигурна патека животна, една
љубезност ќе им сторам: ќе им кажам
како да го избегнат гневот див на Алкбијад.

Првиот сенатор

Ова ми се допаѓа; сепак се враќа.

Тимон

Има едно дрво што во моја близина расте,
а, за мои потреби, наскоро ќе треба
да го сечам; кажете им на пријателите мои,
на сите Атинчани, сé како што идат редум,
од највисок до најнизок, којшто сака
болката да му ја снема, нека брзне веднаш,
овде нека дојде, пред дрвото секирата да ја сети,
и да се обеси. Ве молам, пренесете го мојот поздрав.

Флавиј

Да не го вознемируваме повеќе; промени ќе нема.

Тимон

Повеќе не идете ми; кажете ѝ на Атина
дека Тимон вечниот дом свој го кренал
на песковитото крајбрежје од солената вода,
којшто по везден плимата пенлива ќе го плави.
Тука дојдете, за могилката моја пророчиште да ви стане.
Усни, уште ова па јазиците веќе нека не пречат:
она што не чини, чуми и зарази нека го лечат!
Само гробарството сакам да ви цути; плата примајте во мрши:
сонце,тргни ми се, Тимон своето го сврши!
(Излегува.)

Првиот сенатор

Чемерот му е вкоренет сосем
во природата.

Вториот сенатор

Надежта во него е мртва. Одиме назад,
и да видиме какви други имаме средства
во опасност наша страшна.

Првиот сенатор

Ни требаат за тоа брзи нозе.
(Излегуваат.)

Сцена 2

(Влегуваат двајца други сенатори со гласник.)

Третиот сенатор

Си открил нешто болно неповолно; дали
толкава му е војската ко што велиш?

Гласникот

Дури и скратив;
освен ова, многу е јасно
дека нападот следи бргу.

Четвртиот сенатор

На тешка мака ќе се најдеме ако не го доведат Тимон.

Гласникот

Сретнав еден гласник, пријател мој од дамна,
со кого, иако во работава општа сме против
сепак старата љубов нé сближи и како
пријатели поразговаравме. Човеков јавал
од Алкибијад до пештерата на Тимон,
со молбено писмо Тимон да се вклучи
во борбата против градот
делумно започната и поради него.
(Влегуваат двајца други сенатори.)

Третиот сенатор

Еве ги нашите браќа.

Првиот сенатор

Не зборувајте за Тимон, нема ништо од него.
Се слуша барабанот душмански, и страшна
врева
воздухот со прав го дави. Внатре, страв веќе
нема,
за нашиот пад, чинам, душманот замка
спрема.

Сцена 3

(Влегува еден војник во шумата во потрага по Тимон.)

Војникот

По описот што го добив ова треба да е местото. Кој е овде?
Зборувај, еј! Не одговара? Што е ова?
Тимон е мртов што својот го наджиева век!
Sвер камо ова да ми го прочита; овде нема жив човек.[10]
Мртов, сигурно; ова му е гробот. Што пишува
на плочата не знам. Ќе ги втиснам буквите на восок;
нашиот водач писмен е во секој поглед,
по години момче, по знаење - старец.
Гордата Атина пред него се скукулила сета
падот нејзин, на славожедноста му е мета.
(Излегува.)

Сцена 4

(Труби. Влегува Алкибијад со војските пред Атина.)

Алкибијад

Објавете му го на градов од кукавици и разврatни жени
нашиот стравокобен настап.
(Труби за преговори.)
(Сенаторите излегуваат на бедемите.)
До сега теравте слободно, исполнувајќи го сето време
со разврат и распојасеност, а вашата волја
беше единствен закон; до сега, јас и мнозина други
што тапкаа во сенката на власта ваша
одевме само со прекрстени раце, взалуд
воздивнувајќи заради страдањето наше.
Дојде време кога
кротката волја
на страдалникот ќе се осили и сама од себе
ќе викне, "Доста!". До сега газената правда
повторно ќе седне и ќе дише во удобните столови ваши,
а зазбифтаната нахалност наеднаш ќе спласне
од страв и грозно бегство.

Првиот сенатор

Благороден и млад многу,
кога грижите први замисли само ти беа,
пред моќ да имаш, а причина за страв ние,
те викнавме мелем да ти дадеме за гневот,
неблагодарноста да ја избришеме, со љубов поголема од неа.

Вториот сенатор

Отидовме со молба
да го вратиме Тимон во срцата на градот сакан
смерно му порачавме, а ветивме многу.
Не бевме сите нељубезни, нити заслужуваме сите
ударот воен да нé сотре.

Првиот сенатор

Овие бедеми наши
не се кренати од рацете на тие што болка ти нанесоа; ниту пак е правдина сега
големиве кули, трофеи, училишта да паднат зашто некој згрешил.

Вториот сенатор

Ниту пак се живи
оние што беа причина за првиот твој прогон;
срамот, што ептен им недостигаше мудрост,
срцата им ги скрши. Во марш влези, вожду благороден, во градот наш со развиорен бајрак;
со десеткување на секој десетти жител,
доколку одмаздата ти ливка по таква храна гнасна дури и за природата, десетокот земи си го,
а со чкурта нека се реши кои од нив
ќе живеат а кои ќе умрат.

Првиот сенатор

Не се виновни сите.
Не е правично заради неколкумина мртви
живи да плаќаат; злосторите, како и земјата,
не се наследни. Затоа, земјаку најмил,
влези со војските, но гневот остави го надвор,
поштеди ја атинската колевка своја и родот близок
што распламтениот гнев твој би го сотрел
заедно со виновниците; како пастир,
дојди до трлото и заразените издвој ги,
без да ги уништиш сите.

Вториот сенатор

Она што го сакаш,
со насмевка само да го добиеш можеш
место со сабјата да сечеш.

Првиот сенатор

Со ногата само стапни
пред замандалените порти и тие сами
ќе се отворат ако благородното твое срце

објави дека ко пријател ќе влезеш.

Вториот сенатор

Ракавици фрли,
или друг знак на честа твоја,
дека војната ќе ти послужи правда за себе
да осигураш, а не наша пропаст, па сета војска
на логорување ќе ти ја примиме дури сите желби
не ти се исполнат.

Алкибијад

Добро, еве ви ја ракавицата.
Слезете и отворете ги тешките порти.
Душманите на Тимон и моите што сами вие
ќе ги одбележите, ќе паднат и друг никој;
и за да се стиши сосем стравот велам уште дека
ниеден војник не ќе излезе од својот шатор
нити пак ќе го наруши текот на редовната правда
во атарот на градот без за тоа најстрого да биде казнет
по законите ваши.

Обајцата

Благородно мошне.

Алкибијад

Слезете и одржете го зборот.
(Влегува еден војник.)

Војникот

Вожду благороден, Тимон е мртов,
закопан на самиот брег морски;
а на плочата надгробна овој натпис
што на восок го донесувам, чиј отпечаток мек
говори место незнаењето мое.

Алкабијад

(Читајќи го епитафот)

Овде колнатик лежи, од душата колната лишен,
не прашувај кој сум, чума, вас живите, да ве збрише.
Овде лежам јас, Тимон, којшто жив, го мразеше од човека
родот,
пројди и колни; ама пројди не запирај го тука одот.[11]

Ова добро кажува што чувствуваше при крајот.
Иако го мразеше долното во нас и ниско,
го презираше плачот и дробните солзи
од тврдата природа што се леат, длабока мисла сепак
те наведе да сториш огромниот Нептун вечно
да ги оплакува на нискиот твој гроб, покаените грешки.
Мртов е благородниот Тимон, во чиј спомен
подоцна повеќе ќе кажам. Внесете ме во градот,
а јас на мечот маслиново гранче ќе ставам,
за војната мир да роди, мирот војните да ги спречи,
еден едниот, друг другиот, со спогодба да го лечи.
Удрете барабани!
(Излегуваат.)

Белешки

[1] Сцената се случува во домот на Тимон. Инаку во првото фолио издание на делата на Шекспир, драмата не е поделена на чинови и сцени. Поделбата застапен овде главно е доследна на онаа на *Кепел*.
[2] Многу редактори песничкава што ја кажува поетот ја стават во италика што не е случај во Фолиото.
[3] Огледалолик ласкач бидејќи ласкачот како во огледало ги отсликува сите расположби на оној кому ласките се наменети. Во случајов, Тимон.
[4] Лутината е краткотрајно лудило (Хоратиј, *Посланија*)
[5] Потењето во топла када бил познат начин за лечење од венерични заболувања.
[6] Во оригиналот Коринт. Древниот Коринт бил на лош глас заради разврат и блуд затоа станува симбол на развратот, нешто како библиските градови Содом и Гомора.
[7] Одговорот на Тимон е врзан со поговорката "Ластовиците, како лажните пријатели, бегаат пред доаѓањето на зимата".
[8] Веројатно го фрла и последното аливче од себе или, како што забележува еден друг коментатор, си ја куби косата и ја фрла кон Атина!
[9] Сферата на месечината. Според Птоломејската космологија, само областите под месечината се подложни на промени, а сé друго над нив е неменливо. Тимон го повикува сонцето кое, нормално, е врзано со создавањето, да ја промени сопствената природа и со зарази и чуми да ја уништи целата подлунарна сфера.
[10] Овие два стиха не се епитафот на Тимон, зашто војникот, како што ќе се види подоцна, не е во состојба да го прочита оригиналот. Станува збор за уште нешто, покрај натписот, напишано од Тимона на јазик разбирлив за војникот. (Обично разбирливиот кај Шекспир е англискиот, а неразбирливиот, латинскиот јазик.)
[11] Очигледно два епитафа од по два стиха што Шекспир ги извадил од *Плутарх* со намера подоцна да избрише еден, веројатно првиот, при проверката но, јасно е дека не стигнал па останале двата. *Плутарх* вели дека првиот бил напишан од самиот Тимон, а вториот од поетот Калимах.

Вилијам Шекспир

Веселите жени од Виндзор
Комедија на забуни
Кротењето на опаката
Со сила убавина не бидува
Од влакно ортома
Секое зло за арно
Танте за кукуригу
Ромео и Јулија
Ричард Трети
Кориолан
Тимон од Атина

Превод од англиски, предговори и белешки
Драги Михајловски

Издавач:
КАПРИКОРНУС
Џон Кенеди 1/23, 1000 Скопје, Македонија
www.kaprikornus.com.mk

За издавачот
Бранкица Михајловска

Комјутерска обработка, графички дизајн и корица
Ален Лапон

Коректура
Горјана Михајловска-Лапон
Јана Михајловска

Печатница

Изданието е финансиски помогнато од Министерството за култура на Република Македонија